С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

Предлагач: Градоначалник на Општина Гази Баба

Изготвувач: ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје

Претставник: директор, Билјана Трајановска

ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

СКОПЈЕ, АВГУСТ 2025 ГОДИНА

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "КРСТЕ МИСИРКОВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-375/4 од 19.06.2025 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број _____
од __.__.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
м-р Сашо Кукески

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
Бр. 02-375/4
19.06 2025 год.
СКОПЈЕ

Согласно одредбите од член 108 од Законот за основно образование, Училишниот одбор при ООУ „Крсте Мисирков“ – Скопје, на седницата одржана на ден 19.06.2025 година, во врска со **Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година**, ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Крсте Мисирков“ – Скопје за учебната 2024/2025 година

Член 1

Согласно Законот за основно образование, Училишниот одбор при ООУ „Крсте Мисирков“ – Скопје го усвојува **Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишниот одбор

Ѓоко Арсов

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КРСТЕ МИСИРКОВ СКОПЈЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

CamScanner

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРСТЕ МИСИРКОВ
Бр. 01-3741/1
19.06 2025 год.
СКОПЈЕ

ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ" - Скопје

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КРСТЕ МИСИРКОВ" ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето во учебната 2024/2025 година

Директор

ООУ"Крсте Мисирков"
Нас.Маџари 2
Ул.Среќко Пужалка 65А
Тел. 2522-398
Тел/фах 2527-220
Mail.krstem@yahoo.com
Бр. 03-374/2
11.07.2025 година

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Градоначалник
СКОПЈЕ
Примено 14 -07- 2025
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
09 | 1463/1 | | |

До
Советот на Општина Гази Баба

Предмет: Годишен извештај за работата на ООУ „Крсте Мисирков" – Скопје за учебната 2024/2025 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Годишниот извештај за работата на ООУ „Крсте Мисирков" – Скопје за учебната 2024/2025 година.

Прилог:

- Годишен извештај за работата на училиштето за 2024/2025 година, бр. 01-374/1 од 19.06.2025 година
- Одлука од УО, бр. 02-375/4 од 19.06.2025 година

Со почит,

Директор

м-р Билјана Трајановска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КРСТЕ МИСИРКОВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

CamScanner

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„КРСТЕ МИСИРКОВ”
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето во
учебната 2024/2025 година

Директор

_____

Во месец јуни е изработена самоевалуација и развоен план на основното училиште. Стратешките цели кои произлегуваат се следните:

Стратешки цели	
Стратешка цел 1	Обезбедување на поддршка на надарените ученици преку реализација на настава соодветна на нивните можности и потреби
Стратешка цел 2	Надополнување и проширување на библиотекарниот фонд со нови лектирни изданија и современа литература
Стратешка цел 3	Зајакнување на капацитетите на учениците за меѓусебно почитување
Стратешка цел 4	Мотивирани наставници кои успешно го промовираат Училиштето

Мисијата и Визијата на ООУ Крсте Мисирков во следниот период се:

Мисија
Училиште во кое се развива критичко мислење, дигитална и медиумската писменост, и се промовира инклузивност, рамноправност и интеркултурност, во позитивна и стимулативна средина за учење, каде сите се еднакво вклучени.

Визија
Наш стремеж е да бидеме училиште кое втемелува граѓански вредности, негува почит и толеранција, гради личности со отворен ум и желба за знаење, и ги поттикнува индивидуалните можности и способности кај своите ученици. Училиште кое овозможува безбедна средина за учење и работа во современи услови, со современи ресурси и индивидуализиран приод за успешна реализација на воспитно-образовниот процес.

„LESSONS LEAMED“- Веќе научено/стекнати искуства

Во својата воспитно - образовна работа и постигањата на училиштето постојано се користат искуствата и поуките од работата во изминатите учебни години и анализата од работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие анализи и искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето а воедно користат за изготвување на годишните програми, како на

училиштето така и на стручните органи и тела и програмите за работа на наставниците. За постигање на целите училиштето ги користи искуствата добиени од:

- Анализа и заклучоци од извештајот од минатата Самоевалуација на училиштето;
- Развојната програма на училиштето;
- Извештајот од Интегралната евалуација на училиштето;
- Одлуките и препораките од Советот на родителите и Училишниот Одбор;
- Извештај од реализација на наставните планови и програми;
- Анализа и искустава од работењето на стручните активи, Одделенските совети и Наставничките совети;
- Стекнати знаења и искуства од посетени обуки, семинари, вебинари, работилници итн;
- Знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата;
- Придобивки од користење на правилниците за работа и однесување на целните групи како и критериумите и стандардите за оценување и постигањата на учениците;
- Учениците имаа можност без разлика на пол, возраст, етничка припадност, социјален и економски статус да учествуваат на бројни општински, регионални и државни натпревари при што се здобија со високи места и признанија;
- Учениците и наставниците учествуваа во бројни проекти на национално и меѓународно ниво со подготовка и реализација на разни работилници;

Навремено се идентификуваат потребите од материјално-технички средства и истите тековно се обезбедуваат. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Континуирано се интервенира и се обезбедуваат средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.

ЛИЧНА КАРТА, УСЛОВИ ЗА РАБОТА И РЕСУРСИ
ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ
(1874-1926)

Општинското основното училиште „Крсте Мисирков” - Скопје е основано со решение на Собранието на општина Саат кула - Скопје од 1964 година, а со работа започнува на 01.09.1964 год., со 1065 ученици распоредени во 30 паралелки. Од 1966 год. училиштето работи под името „Крсте Мисирков”, ул. Среќко Пужалка бр. 65а, Гази Баба, Скопје. Во рамки на училиштето е опфатено и подрачното училиште во село Брњарци.

Во училиштето наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во училиштето учат вкупно 500 ученика распоредени во 28 паралелки во централното и 2 комбинирани паралелки во подрачното училиште и две паралелеки дневен престој.

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

1.1. Табела со општи податоци

ПОДАТОЦИ	
Име на основното училиште	ООУ „Крсте Мисирков“ – Скопје
Адреса, место, општина	Ул.Среќко Пужалка бр.65 А
Телефон	02 2522-398
Факс	02 2527220
Веб-страница	www.km.edu.mk
Електронска пошта	krstem@yahoo.com
Основано од	Општинскиот комитет за општествени дејности на Собранието на Општина Гази Баба
Верификација-број на актот	14-1206/1 од 26.02.1986
Година на изградба	1964/подрачно -1963
Тип на градба	Монтажно/подрачно -тврда градба
Внатрешна површина на училиштето (m2)	1374 м2/ подрачно-124 м2
Училиштен двор (m2)	14 403 м2/подрачно -2231м2
Површина на спортски терени и игралишта	1003 м2
Начин на загревање на училиштето	Парно греење на нафта (централно училиште) Дрва (подрачно училиште)
Училиштето работи во смени	Две смени
Број на паралелки	28
Број на комбинирани паралелки	2
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Не
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Не
Во основното училиште има ресурсен центар	Не
Други податоци карактеристични за основното училиште	/

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

Членови на училиштен одбор (име и презиме)	Ѓоко Арсов Андреа Најденовски Наташа Атанасовска Елена Величковска Славица Зафировска Марија Бошковска Бобан Величковски
Членови на советот на родители (име и презиме)	Кристина Трајковска Мартин Арсовски Кристина Трајковска Надица Спасовска Трајановски Оливера Грујиќ Ивана Петрушевска Елена Ѓорѓиевска Маријана Николовска Елена Величковска Ангеле Сотировски Елена Ѓорѓиевска Радмила Петковска Коте Јанакиевски Билјана Богдановска Елена Ѓорѓиевска Марија Сотировска Моника Смилевска Ангелина Петковска Александра Величковска Адријана Јовановска Весна Савиќ Елена Матовска Дејан Манов Везира Идризовиќ Марија Петровска Драган Пајковски Наташа Атанасовска Невена Наумова Гоца Николовска Марина Арсова

	Билјана Богдановска Марина Манојловска
Стручни активи (видови)	Стручен актив – одделенска настава Стручен актив на општествено-хуманитарни предмети Стручен актив на природно математичка група на предмети
Одделенски совети (број на наставници)	49
Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)	Билјана Трајановска, Марија Бошковска, Сања Станковска, МаргицаСтефановска, Маја Виденовиќ, Лидија Здравковска, Јончe Богдановски
Заедница на паралелката (број на ученици)	По тројца од секоја паралелка 20 паралелки по 3 ученици, вкупно 60 ученици.
Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	Ученичкиот парламент се состои од 40 ученика, претседател на ученичкиот парламент е Сара Богатинова
Ученички правобранител	Нина Георгиева

Вовед

Извештајот за работа на ООУ„Крсте Мисирков” – Скопје е изработен согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година.

Целта и задачите на Извештајот е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците што допринесува во развојот на училиштето.

Услови за остварување на воспитно-образовната работа

Материјално - технички услови

Општинското основно училиште „Крсте Мисирков” – Скопје е од монтажен тип и има 13 училници, 1 фискултурна сала, спортска сала со вкупна површина од 1374 м2. Училиштето располага со дворна површина од 14 403 м 2 . Во училишниот двор се наоѓаат и два спортски терени за фудбал и ракомет. Во тек е процесот на изградба на ново училиште.

Пред почетокот на учебната 2025/2026 година во ООУ„Крсте Мисирков”- Скопје се извршија следните градежно-занаетчиски работи и набавка на нагледни средства:

-молеро-фарбарски работи
-менување на подови
-поставување на проточен бојлер и проточна чешма
-поставување на санитарија
-поставување на електрична инсталација во просториите за работа
-преградување на училница со преграден ѕид од гипс картон
-демонтажа и монтажа на светилки
-поставување на венецијанер ролетни во просториите за работа
-набавка на ламинатор за пластифицирање на хартија

Приоритетни задачи за учебната 2024/2025 година

Приоритетите кои беа утврдени во Годишната програма на училиштето и кои се реализираат:

Приоритетно подрачје на промени	**Наставни планови и програми**				
Цели Поголема инволвираност на учениците во воннаставните активности **Очекувани исходи** Активно вклучување на учениците во планирањето и реализирањето на воннаставните активности **Задачи** - Учениците избираат воннаставни активности според нивните способности и интереси согласно Водичот за воннаставни активности - Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности					
Активности - Одредување на училишни секции/ клубовии именување на одговорни наставници	**Индикатори за успех** - Формирани минимум 20 секции/ клубовина ниво на училиште	**Носители на активностите** Наставници	**Временска рамка за имплементација** август 2024	**Ресурси** Анкети Наставници	**Тим за следење на реализацијата на активностите** Тим за воннаставни активности
- Избор на воннаставни активности согласно интересите и способностите на учениците	Сите ученици учествуваат барем во една воннаставна активност	Наставници Ученици	септември 2024	Наставници Ученици	Тим за воннаставни активности
- Заедничко планирање на воннаставните активности од страна на наставниците и учениците	Квалитетни програми за сите воннаставни активности кои се базирани на индивидуалноста на учениците	Наставници Ученици	септември 2024 - јуни 2025	Стручна литература Интернет	Тим за воннаставни активности

Приоритетно подрачје на промени	Училишна клима и односи во училиштето

Цели Зајакнување меѓусебното почитување и мирољубиво разрешување конфликти меѓу учениците

Очекувани исходи повисоко ниво на меѓусебното почитување и мирољубиво разрешување конфликти меѓу учениците

Задачи

- Создавање на ефикасни механизми за меѓусебно почитување и мирољубило, ненасилно разрешување конфликти
- Поддршка на ученичките иницијативи за активности поврзани со разрешување наконфликти

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**
- Гледање на филм со соодветна содржина	- Опфатени се по15 ученици од сите периоди	Наставници Ученици Стручни соработници	октомври 2024	Филм со соодветна содржина	Директор, Стручни соработници наставници
- Реализација на три работлници за разрешување на конфликти	Опфатени се по 15 ученици и родители од ситепериоди	Наставници Ученици Стручни соработници	континуирано во текот на учебната 2024/ 2025	Прирачници Водичи за разрешување на конфликти Онлајн алатки	Директор Стручни соработници

Приоритетно Подрачје на промени	Училишна клима и односи во училиштето

Цели Зголемување на свеста кај учениците за штетноста од пушење, алкохол и дрога

Очекувани исходи актуелизација на темите поврзани со штетноста од пушење, алкохол и дрогаза поголема грижа за здравјето на учениците**.**

Задачи

- Едуцирање на учениците за штетноста од пушење, алкохол и дрога

- Планирање стратегија за активна училишна кампања за штетноста од пушење, алкохол и дрога					
Активности - Предавање од стручни лица	**Индикатори за успех** - Одбрани ученици од VI до IX одделние и организирани часови	**Носители на активностите** Наставници Ученици Стручни соработници Стручни лица	**Временска рамка за имплементација** во текот на учебната 2024/2025	**Ресурси** Изготвени предавања од страна на стручни лица	**Тим за следење на реализацијата на активностите** Директор, Стручни соработници, наставници
- Изработка на постери, флаери и бецови и друг рекламен материјал	Опфатени се сите ученици Одбележување на меѓународни денови против пушење, алкохол и дрога	Наставници Ученици Стручни соработници	континуирано во текот на учебната 2024/ 2025	Наставни средства, Хамер, принтери, колаж, онлајн алатки	Директор Стручни соработници наставници

Приоритетно подрачје на промени	Управување, раководење и креирање политики

Цели Подобрување на просторните услови преку изградба на нова училишна зграда со современа бибиотека која ќе го следи развојот на технологијата и ќе овозможи целосно имплементирање на современ воспитно образовен процес.

Очекувани исходи Подобрување на условите за реализација на воспитно образовната работа

Задачи

- Подобрување на просторните капацитети

Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Ресурси**	**Тим за следење на реализацијата на активностите**
- Изградба на нова училишна зграда	- Просторни услови кои ги задоволуваат потребите за современ воспитно образовен процес	Општина Гази Баба МОН	во текот на учебната 2024/2025	Градежни материјали	Директор, одговорно лице од општината

Извештај за реализација на активностите од подрачјата на промени, приоритети и цели

Во согласност со приоритетите дефинирани во Годишната програма за работа, училиштето спроведе низа активности за подобрување на просторните услови и квалитетот на работата на училиштето.

Една од клучните стратешки цели на училиштето е подобрување на условите за реализација на воспитно-образовната работа, со фокус на создавање современа, функционална и инспиративна образовна средина. Оваа цел се предвидува да се постигне преку изградба на нова училишна зграда која, покрај наставни простории, ќе содржи и модерна библиотека опремена со дигитални ресурси, технолошка поддршка и простор за истражувачка и креативна работа.

Процесот на изградба на новата училишна зграда започна на 5.10.2024 година, како прв конкретен чекор кон реализација на оваа стратешка определба. Со новиот просторен капацитет ќе се овозможат оптимални услови за работа на наставниот кадар и учениците, во согласност со потребите на современото образование, а воедно ќе се поттикне интердисциплинарна и проектно ориентирана настава, индивидуализиран пристап и активно учење.

По завршување на изградбата, ќе се започне и со опремнување на кабинетите и современа библиотека што ќе овозможи квалитетна, безбедна и иновативна наставна средина, усогласена со националните и европските образовни стандарди.

Во учебната 2024/2025 год. нашето училиште се адаптираше кон вонредните просторни услови за реализација на секции и клубови. Соодветно на интересите на учениците постојат следниве секции и клубови:

Во одделенска настава: математичка, ритмичка, литературна, мала атлетика, фудбал, ликовна, рецитаторска и драмска

Предметна настава; дебатна, драмска, литературна, млади хемичари, географска, клуб на млади историчари, новинарска, млади физичари, библиотекарска, француска, информатичка, еколошка, детска атлетика, одбојка, кошарка.

Друга стратешка цел на училиштето е гледање на филм со соодветна содржина со 15 ученици од вториот период. Беше проследен филмот „American girl: Chrissa Goes to School“ на ученици од четвртто, петто и шестто одделение. Целта на следењето на овој филм беше преку ликот на Chrissa и другите ликови, учениците да развијат особини како: храброст, пријателство и самодоверба. Филмот исто така истражува и теми како што се прифаќањето, различноста и важноста на заедницата, што се

клучни во почитувањето како на себе така и на другите во заедницата и се со цел на спречување на булинг и насилство.

Исто така како друга стратешка цел што беше издвоена во Годишната програма беше и реализирање на работилници за разрешување на конфликти. Па така на 16.10.2024, во рамките на проектот "Сплотени градиме заедничка иднина" се одржа работилница со учениците од 9то одделение. Разговаравме за насилството и како да спречиме негова појава и радикализација. Учениците во групи разговараа на 6 различни сценарија и даваа свои мислења на padlet. Ги анализиравме одговорите и дискутиравме по истите.

План за евалуација на акциските планови

Приоритет	Критериуми за успех	Инструмент за евалвација	Индикатор за успешност	Динамика	одговорно лице
Активно вклучување на учениците во планирањето и реализирањетона воннаставните активности	- Формирани минимум 20 секции/ клубови на ниво на училиште - Сите ученици учествуваат барем во една воннаставна активност - Квалитетни програми за сите воннаставни активности кои се базирани на индивидуалноста на учениците	- Извештаи за учество ан ученици во воннаставни активности - Чек листа за проценка на квалитетотан изработените програми за воннаставни активности	Подобрен е квалитетот на воннаставните активности кои се базирани на индивидуалните карактеристики на учениците	континуирано	Директор

Зајакнување меѓусебното почитување и мирољубиво разрешување конфликти меѓу учениците	- Едукација на учениците за меѓусебното почитување и мирољубиво разрешување конфликти - Реализирани три работлници за разрешување на конфликти	-Извештаи од реализираната активност, -Дискусија со фокус групи - Извештаи од реализираните активности Записници од ученички парламент	Повисоко ниво на меѓусебното почитување и мирољубиво разрешување конфликти меѓу учениците	континуирано	Директор

Зголемувањена свеста кај учениците за штетноста од пушење, алкохол и дрога	- Реализирани предавања за штетноста од пушење, алкохол и дрогаод страна на струлни лица - Изработени и споделени рекламни материјали (постери, флаери и беџови и сл.)	- Дискусија со фокус групи на ученици - Чек листи за евалуација ан изготвените материјали	Актуелизација на темите поврзани со штетноста од пушење, алкохол и дрога за поголема грижа за здравјето на учениците.	Континуирано	Директор
Подобрување на просторнитеуслови преку изградба на нова училишна зграда со современа бибиотека која ќе го следи развојот на технологијата и ќе овозможи целосно имплементира ње на современ воспитно образовен процес.	Просторни услови кои ги задоволуваат потребите за современ воспитно образовен процес	- Чек листа за следење на реализацијата на градежниот план за изработка на нова училишна зграда	Подобрени се условите за реализација на воспитно образовната работа	Континуирано	Директор

Наставен кадар

Во нашето училиште воспитно - образовната работа ја остваруваат 47 наставници. Образовната структура на кадарот одговара на законските и програмските барања по наставни предмети. Во одделенска настава, наставата ја изведуваат 18 одделенски наставници од кои двајца наставници изведуваат настава во подрачното училиште во две комбинирани паралелки. Во реализацијата на наставата се вклучени и двајца предметни наставници по англиски јазик, а во петто одделение деветгодишно образование наставата ја изведуваат предметни наставници по природни науки, техничко образование и англиски јазик. Во предметна настава сите наставни предмети се застапени според наставниот план и програма и се реализираат од 27 наставници. Овие наставници ги реализираат сите задолжителни и изборни предмети во училиштето. Во училиштето има и дневен престој во две групи со 2 одделенски наставнички.

Кадар	**Вкупно**	**Етничка и полова структура на вработените**											
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Срби**		**Роми**		**други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**
Број на вработени	61	11	48	1	0	0	0	0	1	0	0	0	0
Број на наставен кадар	47	8	39	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Број на воспитувачи	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Број на стручни соработници	4	0	4	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Администра-тивни работници	1	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Помошно-технички кадар	8	2	4	1	0	0	0	0	1	0	0	0	0
Директор	1	0	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Помошник директор	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Образовни медијатори (доколку се ангажирано училиштето)	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

Одделенски наставници за учебната 2024/2025 година

Наставник	Одделение (паралелка)	Број на часови неделно
Наташа Неданоска	I-1	20
Сузана Тошевска	I-2	20
Борка Цифревска/ Марија Каранџуловска	I-3	20
Лидија Петрушевска	II-1	20
Добринка Богдановска/ Јасминка Милошевска	II-2	20
Веска Цветковска	II-3	20
Лидија Димитриевска	III-1	20
Мимоза Црвенова	III-2	20
Јасминка Пешевска	III-3	20
Наташа Тргачевска Мојсовски	IV-1	23
Маја Атанасовска	IV-2	23
Ивана Милковска	IV-3	23
Анкица Младеновска	V-1	20
Славица Илиевска	V-2	20
Славица Зафировска	V-3	20
Наташа Новеска	V-4	20
Наставници од подрачното училиште во с. Брњарци		
Јасминка Милошевска/ Сања Тасева	II	20
Маргица Стефановска	III и IV	23

Наставници од предметна настава кои предаваат во одделенска настава			
Наставник	**Предмет**	**Одделение (паралелка)**	**Број начасови**
Анета Придаенкоска	Англиски јазик	I-1, III - 3, IV-1,2,3 V-2,3,4	22
Даниела З. Стевковска	Англиски Јазик	I-2,3 II-1,2,3 III-1,2 V-1 с.Брњарци II-4 III-4 IV-4	22
Анета Топалова	Природни науки	V-1,2,3,4	8
Виолета Миноска	Техничко образование и информатика Слободни изборни	V-1,V-2,V-3,V-4 IV-1,2,3	8 2

	предмети:		
Фросина Цветкова	Слободни изборни предмети	IV 1,2,3,	6
Александар Цветковски	Физичко и здравствено образование	I-1,2,3 = 9 V-1,2,3,4=12	21
Дарко Костиќ	Физичко и здравствено образование	III-1,2,3=9 IV-2,3=6 Брњарци = 6	21
Дејан Ангеловски	Физичко и здравствено образование	II-1	3
Бобан Величковски	Физичко и здравствено образование	IV-1	3
Кристијан Јовановски	Физичко и здравствено образование	II-2, II-3	6

НАСТАВНИЦИ ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА 2024/ 2025

Реден број	Име и презиме на наставник	Задолжителен предмет	Одделение/ паралелка	Број на часови	Кл. рак.
1	Благица Ристивојевиќ	Македонски јазик	VIII-1,2,3=12 VI-2,3=8	20	VIII-2
2	Ана Николова	Македонски јазик	VII-1,2,3=12 VI-1=4 IX-1=4	20	
3	Маја Караџоска	Македонски јазик	IX-2,3=8	20	
		Слободен изборен предмет	VI-1,2,3=6 VI-мешана група =2		

			VII-2=2		
		Изборен предмет – вештини за живеење	VIII-мешана група=2		
4	Весна Димитриевска	Француски јазик	VI-1,2,3=6 VII-1,2,3=6 VIII-1=2 IX-1,2,3=6	20	IX-1
5	Каролина Димовска	Француски јазик	VIII-2,3=4	4	
6	Анета Придаенкоска	Англиски јазик	I-1=2 III-3=2 IV-1,2,3=9 V-2,3,4=9	22	
7	Даниела Здравева Стефковска	Англиски јазик	I-2,3=4 II-1,2,3=6 III-1,2=4 V-1=3 Подрачно – Брњарци=5	22	
8	Оливера Костадиновска	Англиски јазик	VIII-2,3=6 VI-1,2,3=9 VII-3=3	20	VII-3
		Слободен изборен предмет	VII-3=2		
9	Фросина Алексовска	Англиски јазик	VII-1,2=6 VIII-1=3 IX-1,2,3=9	20	VII-1
		Слободен изборен предмет	VII-1=2		
10	Билјана Велјановска	Математика	VI-3=5	9	

			VIII-2=4		
11	Анета Смилевска	Математика	VII-1,2,3=12 VIII-1,3=8	20	
12	Елена Новакова	Математика	VI-1,2=10 IX-1,2,3=12	22	
13	Маја Виденовиќ	ТО и информатика	VI-1,2,3=6	20	VI-3
		Информатика	VII-1,2,3=3		
		Иновации	IX-1,2,3=3		
		Изборен предмет – Проекти од информатиката	IX-мешана група=2		
		ЕСАРУ администратор	6		
14	Анета Топалова	Физика	VIII-1,2,3=6 IX-1,2,3=6	20	VI-2
		Природни науки	V-1,2,3,4=8		
15	Сашка Крстевски	Хемија	VIII-1,2,3=6 IX-1,2,3=6	20	VII-2
		Изборен предмет – Унапредување на здравјето	VIII-3=2 IX-1,2,3=6		
16	Валентина Мишевска/ Ема Христовска	Биологија	VII-1,2,3=6 VIII-1,2,3=6 IX-1,2,3=6	20	
		Слободен изборен предмет	VII-мешана група=2		
17	Анета Чаковска	Географија	VII-1,2,3=6 VIII-1,2,3=6	21	VI-1
		Природни науки	VI-1,2,3=9		
18	Благица Атанасовска	Историја	IX-1,2,3=6	21	IX-2

		Географија	IX-1,2,3=6		
		Историја и општество	VI-1,2,3=9		
19	Анита Ангеловска	Историја	VII-1,2,3=6 VIII-1,2,3=6	20	VIII-1
		Граѓанско образование	VIII-1,2,3=3 IX-1,2,3=3		
		Изборен предмет – нашата татковина	VIII-1=2		
20	Виолета Миновска	Техничко образование	V-1,2,3,4=8	14	
		Изборен предмет – техничко образование	VIII-2=2		
		Слободен изборен предмет	IV-мешана група=2 V-мешана група=2		
21	Радица Цветковска Поповска	Етика	VII-1,2,3=3	3	
22	Никола Наневски	Ликовно образование	VI-1,2,3=3 VII-1,2,3=3 VIII-1,2,3=3 IX-1,2,3=3	12	
23	Фросина Муратовска Цветкова	Музичко образование	VI-1,2,3=3 VII-1,2,3=3 VIII-1,2,3=3 IX-1,2,3=3	21	
		хор	3		
		Слободен изборен предмет во IV	IV-1,2,3=6		

24	Ѓорѓи Цеков	оркестар		3	
25	Бобан Величковски	Физичко и здравствено образование	VI-1,2,3=9 VIII-1,2,3=9 IV-1=3	21	VIII-3
26	Дејан Ангеловски	Физичко и здравствено образование	VII-1,2,3=9 IX-1,2,3=9 II-1=3	21	IX-3
27	Александар Цветковски	Физичко и здравствено образование	V-1,2,3,4=12 I-1,2,3=9	21	
28	Дарко Котиќ	Физичко и здравствено образование	III-1,2,3=9 IV-2,3=6 Подрачно – Брњарци = 6	21	

Организација и реализација на воспитно – образовната дејност

Воспитно - образовната дејност во училиштето опфаќа настава што се организира и изведува според наставните планови и програми и воннаставните активности.

Според Наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, настава по изборни предмети, дополнителна и додатна настава како и слободни ученички активности.

Организирањето на учебната година и одморите на учениците и училиштето и оваа учебна година беа утврдени според календарот за организација и работа на основните училишта, што го донесува Министерот за образование.

Во училиштето наставата оваа учебна година ја посетуваа ученици распоредени во 28 паралелки од I до IX одделение и две комбинирани паралелки во подрачното училиште во с. Брњарци, вкупно 30 паралелки, како и две паралелки продолжен престој.

Активности во продолжен престој

Во текот на учебната година 2024/2025 година организиран е продолжен престој за учениците од прво до трето одделение. Продолжениот престој е организиран со ручек, а наставата се одвива во две смени и тоа на следниов начин:

- Претпладне кога учениците се на настава попладне и
- Попладне кога учениците се на настава претпладне.

Во продолжен престој каде што се згрижени учениците од прво до трето одделение запишани се вкупно 54 ученици и тоа:

- Вкупно 27 ученика од прво и трето одделение;
- Вкупно 27 ученика од второ и трето одделение;

Планирањето на содржините беше врз основа на годишниот наставен план од прво до трето одделение , како и врз основа на годишниот –глобален план за реализација на воспитно-образовна дејност во продолжен престој.

Активностите во продолжен престој се поделени на:

- Училишни (насочени) и
- Вонучилишни (слободни) активности.

Во училишните активности учениците ги завршуваа сите обврски кои им беа зададени од нивните одделенски наставници, како што се пишување на домашна работа како и други училишни задачи кои им беа задавани. Во текот на пишувањето на домашните задачи постојано ги насочувавме учениците како правилно да ги завршуваат истите. Покрај сето тоа ова реализирани се следниве цели и задачи:

- Проверка на домашна работа;
- Проверка на знаењата;
- Дополнување и проширување на наставните содржини;
- Индивидуален пристап кон учениците.

Откако учениците ќе ги заврши училишните обврски, следеа вонучилишни односно слободни активности. Благодарение на тоа што училницата е опремена со смарт табла -прожектор. Секој ученик по свој избор се упатуваше кон она што најмногу го исполнуваше како што се следење цртани филмови, слушање музика, итн. Но во зависност од временските услови со учениците излегувавме и во дворот на градинката каде што ги играа своите омилени игри, но некои игри ги играме и во училницата како што се:

- Ден и ноќ;
- Пронајди го предметот;
- Брза географија;
- Монопол;
- Музичко столче;
- Не лути се човече;
- Иде мачка покрај тебе.

Насочени активности	**Слободни активности**
- Повторување на наставниот материјал изучен во текот на училишниот ден; - Дополнување и проширување на	- Вежби за обликување и правилен раст на телото; - Мал фудбал; - Игри со коцки, сложувалки и

наставно-воспитни содржини; - Проверка на знаењата; - Индивидуален пристап кон учениците.	пластелин; - Друштвени игри: Не лути се човече, карти; - Гледање и слушање на ТВ и радио емисии; - Слушање на детски мелодии.

Настава

Учебната година започна на 1 септември 2024 година. Наставата се одвиваше без никакви промени до крајот на учебната година. Реализацијата на Годишната програма во текот на оваа учебна година е се одвиваше континуирано според планираното. Планираните часови од редовната настава се реализирани, а со тоа и планираните наставни содржини по сите предмети и во сите одделенија. Наставата се одвиваше во смени, една смена- одделенска настава и една смена предметна настава. Согласно моменталните услови и изградбата на нова училишна зграда, наставата се реализираше без отстапки во еден дел од старото училиште а учениците од прво одделение и продолженият престој просторно беа прифатени во градинката „25 Мај“.

Оваа учебна година како и минатата во образовниот процес продолжија реформите од прво до шестто одделение. Наставниците и учениците работеа по посебен план и програма пропишани од БРО и МОН според новата Концепција за основно образование.

Во одделенска настава реализирани се следниов број на часови по предмети:

Задолжителни предмети	**Реализација на часови на крајот од учебната 2024/ 2025 година**									
	I		**II**		**III**		**IV**		**V**	
	план	**реал**	**план**	**реал**	**план**	**реал**	**план**	**реал**	**план**	**реал**
Македонски јазик	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180
Англиски јазик	72	72	72	72	72	72	108	108	108	108
Математика	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180
Општество	36	36	36	36	36	36	72	72	72	72
Природни науки	72	72	72	72	72	72	72	72	72	72
Работа со компјутери										
Техничко образование							36	36	36	36
Ликовно образование	36	36	36	36	36	36	36	36	36	36
Музичко образование	36	36	36	36	36	36	36	36	36	36
Физичко образование	108	108	108	108	108	108	108	108	108	108
Час на одд.заедница			36	36	36	36	36	36	36	36
Изборни предмети										
Слободни изборни предмети	72	72	72	72	72	72	72	72	72	72

Во предметна настава реализирани се следниов број на часови по предмети:

Задолжителни предмети	**Реализација на часови во прво полугодие во 2024/2025 година**							
	VI		**VII**		**VIII**		**IX**	
	план	**реал**	**план**	**реал**	**план**	**реал**	**план**	**реал**
Македонски јазик	144	144	144	144	144	144	144	144
Англиски јазик	108	108	108	108	108	108	108	108
Француски јазик	72	72	72	72	72	72	72	72
Математика	180	180	144	144	144	144	144	144
Историја	108	108	72	72	72	72	72	72
Географија	/	/	72	72	72	72	72	72
Граѓанско образование					36	36	36	36
Биологија			72	72	72	72	72	72
Физика					72	72	72	72
Хемија					72	72	72	72
Техничко образование	16	16	16	16				
Информатика	32	32	36	36				
Етика			36	36				
Природни науки	108	108	32	32				
Иновации							36	16
Ликовно образование	36	36	36	36	36	36	36	36
Музичко образование	36	36	36	36	36	36	36	36
Физичко образование	108	108	108	108	108	108	108	108
Час на одд.заедница	36	36	36	36	36	36	36	36
Изборни предмети								
Етика во религиите	72	72	72	72	72	72	72	72
Техничко образование	144	144	144	144	144	144	144	144
Вештини за живеење	108	108	108	108	108	108	108	108
Проекти од музичката уметност	72	72	72	72	72	72	72	72
Проекти од информатика	180	180	144	144	144	144	144	144
Нашата татковина	108	108	72	72	72	72	72	72

Танци и ора	/	/	72	72	72	72	72	72
Програмирање					36	36	36	36
Унапредување на здравјето			72	72	72	72	72	72
Нашата татковина					72	72	72	72
Слободни изборни предмети					72	72	72	72

Настава по задолжителни предмети

Оваа настава претставува содржинска основа за усвојување на знаењата од сите области на науките. Застапеноста на наставните предмети во наставата по одделенија и неделниот фонд на часови за секој наставик и предмет се утврдуваат со наставниот план. Наставниот кадар ги следеше промените во наставните планови и истите ги усогласуваше во наставниот процес. Според Законот за основно образование на часот на одделенската заедница се разработуваа содржини за личниот и социјалниот развој на учениците според програмата за Образование за животни вештини.

И оваа учебна година следењето на знаењата и успехот на учениците од прво, до деветто одделение се вршеше преку евидентни листи за секој ученик посебно. За учениците од прво до деветто одделение во електронскиот дневник им беа достапни евидентните листи за успехот во првото тримесечие, на крајот од првото полугодие и третото тримесечие. Учениците од прво до шесто одделение беа описно оценети во првиот квартал и на крајот од првото полугодие и третото тримесечие. Додека учениците од седмо до деветто одделение беа бројчано оценети во првиот квартал, на крајот од првото полугодие и третото тримесечие.

Учениците од прво до трето одделение на крајот од учебната година добија свидетелства со описно оцена. А учениците од четвртто до девето одделение беа бројчано оценети по сите предметни согласно наставниот план и програма за оваа учебна година. Сите ученици добија и додаток на свидетелство согласно Законот и основно образование.

Наставата по физичко и здравствено образование ја реализираат тандем наставници, односно наставник по физичко и здравствено образование во комбинација со одделенските наставници. Во оваа учебна година тандемската настава ќе се реализира од прво до петто одделение.

Одделение	Тандем наставници
I-1	Наташа Неданоска Александар Цветковски

I-2	Сузана Тошевска Александар Цветковски
I-3	Борка Цифревска Александар Цветковски
II-1	Лидија Петрушевска Дејан Ангеловски
II-2	Добринка Богдановска/ Јасминка Милошевска Кристијан Јовановски
II-3	Веска Цветковска Кристијан Јовановски
III-1	Лидија Димитриевска Дарко Костиќ
III-2	Мимоза Црвенова Дарко Костиќ
III-3	Јасминка Пешевска Дарко Костиќ
III-4	Маргица Стефановска Дарко Костиќ
IV-1	Наташа Тргачевска Мојсовски Бобан Величковски
IV-2	Маја Атанасова Дарко Костиќ
IV-3	Ивана Милковска Дарко Костиќ
IV-4	Маргица Стефановска Дарко Костиќ
V-1	Анкица Младеновска Александар Цветковски
V-2	Славица Илиевска Александар Цветковски
V-3	Славица Зафировска Александар Цветковски
V-4	Наташа Новеска Александар Цветковски

Настава по изборни предмети

Изборната настава им овозможува на учениците да ги прошират и

продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следат согласно наставниот план и според тоа како ќе се изјаснат во претходно спроведена анкета.

Подготовката за избор на изборен предмет со учениците кои следната учебна година ќе бидат VIII и IX одделение се одвиваше во повеќе етапи односно:

- Прибирање на податоци за понудени изборни предмети од наставните планови ипрограми за деветгодишно основно образование(април)
- Подготвување на анкетни листови за ученици и родители (април)
- Информирање на родителите и учениците за понудените изборни предмети (мај)
- Спроведување на анкета кај родителите и учениците и учениците за определба на изборен предмет (мај)
- Обработка на податоците од спроведената анкета (мај)
- Презентирање на обработените податоци на наставничкиот совет (јуни)
- Информирање на учениците и родителите за застапените изборни предмети (јуни)

Согласно новата Концепција за основно образование во IV, V, VI и VII одделение учениците посетуваат настава по слободни изборни предмети, согласно Водичот заслободни изборни предмети. Од спроведените анкети и од добиените резултати во учебната 2024/2025 година се изучуваа следните изборни предмети:

Одделение	***Изборен предмет***	***Наставник***
IV-1	Танцување Танцување и народни ора	Фросина Цветкова
IV-2	Танцување Танцување и народни ора	Фросина Цветкова
IV-3	Танцување Танцување и народни ора	Фросина Цветкова
IV-4	Слободен изборен 1 Слободен изборен 2	Маргица Стефановска
IV-1,2,3	Справување со природни катастрофи Велосипедизам	Виолета Миноска
V-1	Градинарство и хортикултура Игри за разрешување на конфликти	Анкица Младеновска
V-2	Танцување Игри за разрешување конфликти	Славица Илиевска
V-3	Имам права Танци и народни ора	Славица Зафировска
V-4	Имам права Градинарство и хортикултура	Наташа Новеска
V-1,2,3,4	Природни катастрофи Велосипедизам	Виолета Миноска
VI-1	Имам права Готвење	Маја Караџоска
VI-2	Имам права Готвење	Ана Николова

VI-3	Театарот, уметност на емоции Готвење	Маја Караџоска
VI-1,2,3	Класична култура Игри за разрешување на конфликти	Маја Караџоска
VII-1	Имам права Игри за разрешување конфликти	Фросина Алексовска
VII-2	Имам права Игри за разрешување конфликти	Маја Караџоска
VII-3	Театарот, уметност на емоции Справување со природни катастрофи	Оливера Костадиноска
VII-1,2,3	Живи организми и животна средина Лековити, ароматични и зачински растенија	Ема Христовска
VIII-1	Нашата татковина	Анита Ангеловска
VIII-2	Техничко образование	Виолета Миноска
VIII-3	Унапредување на здравјето	Сашка Крстевски
VIII-1,2,3	Вештини за живеење	Ана Николова
IX-1	Унапредување на здравјето	Сашка Крстевска
IX-2	Унапредување на здравјето	Сашка Крстевска
IX-3	Унапредување на здравјето	Сашка Крстевска
IX-1,2,3	Проекти од информатиката	Маја Виденовиќ

Според Концепцијата за основно образование во вториот период од основното образование (IV до VI одделение), во рамки на времето што учениците го поминуваат во училиште, наставниците имаат реализирано по својот предмет дополнителна настава
за сите ученици кои не успеваат да постигнат задоволителни резултати за време на редовната настава на неделно ниво согласно потребите на учениците. Голем дел од додатната настава се реализира преку слободните изборни предмети кои служат за продлабочување и проширување на знаењата од задолжителните предмети. Наставниците редовно водат евиденција за присуство на учениците, како и изработки од учениците.
Според законот за основно образование додатната и дополнителна настава за VII, VIII и IX одделение се реализира според однапред планираниот распоред кој се изготвува за секој наставник поединечно.

Дополнителната настава се реализира редовно со однапред подготвени известувања со потпис на родителите, водење евиденција за присуство и изработки на учениците, како и водење на евиденција на часот во електронскиот дневник во делот за дополнителна настава според распоредот.

Додатната настава истотака се реализира редовно според распоредот за додатна настава за сите ученици кои покажуваат особен интерес и постигнувања по одреден предмет и истиот се евидентира во електронскиот дневник во делот за додатна настава. Редовно се води евиденција за присуство и изработки од учениците.

Реализирани активности за
Следење, вреднување и унапредување на воспитно образовната работа

	Реализирана програмска активност	време на реализација	Реализатори
1	Следење на годишни, тематски и дневни планирања и реализација на истите	тековно	Директор,Педагог, Психолог
2	Следење на процесот на оценување на постигнувањата на учениците во училиштето	тековно	Одделенски и предметни наставници, Тим за оценување
3	Следење на процесот на реализација на наставата	тековно	Директор, Педагог, Психолог, Наставници
4	Состаноци на стручни активи, отворени часови посета на семинари, обуки и самообразование	тековно	Стручни активи, педагошко-психолошка служба, Предавачи од акредитирани институции, БРО, Тим за професионален развој
5	Анализа на педагошката евиденција и документација	тековно	Директор, Педагог, Психолог, Наставници
6	Следење на реализацијата на дополнителната, додатната настава	тековно	Директор, Педагог, Психолог, Наставници
7	Изработка и анализа на извештаи	тековно	Директор, Педагог,Психолог, Наставници
8	Следење на наставата според новата Концепција во основното образование	тековно	Директор, Педагог,Психолог, Наставници

Видови на оценување и календар на оценување

Следењето на постигањата на учениците во текот на учебната 2024/ 2025 се изведуваше индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се посветува посебен акцент на формативното следење на постигањата на учениците како важен предуслов за подобрување на постигањата на учениците и стекнување на квалитетни и применливи знаења. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Во рамките на годишното, тематското и дневното планирање секој наставник го планира формативното и сумативното оценување. Тимот за следење и анализа на состојбите со оценувањето редовно ја следи работата на наставниците во поглед на оценувањето пркеу анализа на нивните планирања и изготвените инструменти за оценување, но и преку посета на часови од страна на педагогот со посебен акцент на формативното оценување. Наставниците користат различни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, ученичко портфолио и др), за формативно оценување, а значаен дел на формативното оценување е и повратната информација која ја добиваат

учениците за нивниот напредок со конкретни насоки за подобрување. Наставниците го планираат писмено оценување на учениците и го реализираат овој план имајќи ги предвид законските ограничувања.

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период (I до III одд) учениците се оценуваат описно, во вториот период (IV-VI одд) постигањата на ученикот по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно во текот на годината и бројчано на крајот на учебната година, а во третиот период (VII-IX одд) постигањата на учесниците се оценуваат бројчано. Во училиштето се прават анализи на постигањата на учениците во однос на: општ успех по предмети, по одделенија, пол, етничка припадност, редовност на учениците и поведението на учениците. Родителите во училиштето континуирано се информираат за напредокот и постигањата на учениците користејќи го електронскиот дневник, но и преку индивидуални средби со наставниците кои се реализираат преку различни средства на електронска комуникација. Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката за постигнатиот успех на учениците ги известува родителите редовно според законските правила.

Поим за анализа, поддршка и следење во оценувањето

Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето најмногу става акцент на следењето на формативното оценување на учениците од страна на наставниците и на следењето на усогласеноста на оценувањето од страна на наставниците со предвидените стандарди. Родителите во училиштето континуирано се информираат за напредокот и постигањата на нивните деца преку редовни родителски средби, на отворените приемни денови согласно Законот за основно образование, на кои добиваат квалитетна повратна информација со насоки за подобрување на учењето.

Следењето на состојбата во оценувањето се реализира преку посета на часови и увид во дневните подготовки од страна на стручната служба и директорот, а анализата на истите се врши со цел подобрување на состојбата на оценувањето на постигањата на учениците.

Самоевалуација на училиштето

Училиштето врши редовна самоевалуација на сопствената работа и постигањата на секои две години. Самоевалуацијата како задолжителна обврска, се спроведува според барањата и насоките дадени од ДПИ. Во јуни 2024 година беше завршена претходната самоевалуација и беше изготвен извештај од истата. Заклучоците од самоевалуацијата беа искористени во изговувањето на Годишната програма за работа на училиштето, особено во делот со утврдување на приоритетните активности во училиштето. Во текот на септември 2024 Училишниот одбор формираше Комисија за самоевалуација, а директорот формираше тимови за четирите подрачја кои се во прилог на извештајот. Самоевалуацијата 2024 – 2026 се наоѓа во својата подготвителна фаза.

Извештај на инклузивен тим

Овој извештај ја сумира работата на училишниот инклузивен тим (УИТ) за учебната 2024/2025 година, со фокус на приспособување на наставната работа кон развојните, заеднички и индивидуални потреби на учениците, особено оние со посебни потреби (ПОП). Тимот работеше на примена на разновидни техники и стратегии за поддршка на наставниот процес, поттикнување на креативноста, подобрување на личниот и социјалниот развој и обезбедување инклузивна средина.

1.Работа со ученици					
Задачи	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Остварени ефекти
Идентификација на ученици со ПОП	Увид во досиеја, консултации со родители, наставници, стручно тело за проценка, ОУ со ресурсен центар	Септември 2024	УИТ, ИТУ	Листи за следење	Успешно идентификувани ученици со ПОП, изготвена база на податоци за ученици со ПОП
Изработување на ИОП	Евиденција на ученици со ПОП, изградена стратегија за поддршка	Септември 2024	УИТ, стручни соработници	Досие на ученици, прирачници	Изработени индивидуални образовни планови (ИОП) согласно потребите на учениците
Континуирана поддршка на учениците со ПОП	Консултативни разговори со наставници, стручни лица од ОУ со ресурсен центар	Континуирано	Стручни соработници, одделенски наставници, родители, ученици	Досие на ученици	Подобрени постигања, активно учество во училишните и воннаставни активности
Подобрување на социјалната и емоционалната состојба	Разговори, индивидуални средби, социометриски тестови, работилници	Континуирано	Стручни соработници, одделенски наставници, родители	Социометриски тест, работилници	Развиена самодоверба, комуникациски вештини и чувство на припадност
Непосредна работа на специјален едукатор и рехабилитатор	Вежби за психомоторен развој, диференциран пристап	Континуирано	Специјален едукатор и рехабилитатор	Прилагоден материјал, наставни листови, аудио-видео материјали	Успешна реализација на ИОП, подобрено функционирање на учениците
Вклучување во воннаставни активности	Анализирање на интересите, вклучување во секции	Континуирано	УИТ, наставници	Разговори, евидентни листови	Успешно извршени активности, зголемена социјализација
2. Работа со наставници					

Креирање на инклузивни политики	Изработка на годишна програма за 2024/2025	Јули 2024	УИТ, ИТУ	Состаноци, записници	Изработена годишна програма, споделени позитивни искуства
Запознавање на предметни наставници	Разговори, размена на искуства	Септември 2024	УИТ	Евидентни листови, досие на ученици	Позитивна клима, запознавање со способностите на учениците
Инструктивна работа	Работилници, обуки	Континуирано	УИТ, ОУРЦ „Иднина“	Стручна литература	Стручно усовршување на наставниците
Насоки за ИОП	Консултативни средби, анализа на состојбата	Септември 2024	УИТ, стручни соработници, родители	Прирачници	Правилно изработени ИОП
Подобрување на инклузивната практика	Поддршка преку соработка и решавање проблеми	Континуирано	УИТ, стручни соработници	Прирачници, обуки	Постигнати цели во воспитно-образовниот процес
На конститутивниот состанок на претседателите на одделенските заедници од IV до IX одделение од централното и подрачното училиште, со цел да се избере Ученичкиот парламент, комисии и тела, беше присутна и директорката на училиштето и дел од тимот за поддршка на ученички парламент и ученик правобранител.

Отворањето на состанокот го направи директорката на училиштето, а потоа се обратија наставничката по историја и граѓанско образование Анита Ангеловска и наставничката по географија Анета Чаковска, во име на Тимот за поддршка на ученичкиот парламент, кои ја објасниј процедурата за избор и начинот на гласање за Ученичкиот парламент.

Најнапред беше формирана комисија од три члена која е задолжена за спроведување на изборот. Откако се утврди дека на состанокот се присутни повеќе од 2/3 од претседателите на одделенските заедници, се премина на предлагање на кандидати за избор.

Од петминатa предложени кантидати, мнозинството ученици ја избра Сара Богатинова од IX - 1 за претседател на ученички парламент

На оваа седница се направи и избор на претставници за органите во училиштето: во Училишен одбор Сара Богатинова, претставник за Наставнички совет Нина Ѓоргиева и претставник за Совет на родители Бојан Наумов.

Ученичкиот парламент продолжи да го води избраниот претседател и распоредија задачи за изготвување на програма за работа.

По повод Меѓународниот ден на учителот 5 Октомври и детската недела која траеше од 02 - 06.10, нашите парламентарци учествуваа во работилница насловена како „Другарството е дел од детската среќа“ и „Децата пред се“, при што учениците од централното и подрачното училиште заедно со нивните ментори пишуваа песни, пораки, цртаа и ги наведуваа демократските принципи на македонски, албански, англиски, француски и германски јазик. Не ги заборавија и нивните наставници на кои преку песнички ја изразија почитта кон нив за нивната заложба за образование, стекнати вештини и подршка што ја добиваат во училишниот живот.

На 11 Ноември нашите парламентарци одржаа состанок на тема училишниот живот и предизвиците пред учениците, наставниците и родителите во однос на почитување на

кодексот на однесување и злоупотреба на социјалните мрежи. Се дискутираше и за проектот за насилство врз учениците од секаков вид за кој ќе следуваат и дополнителни активности.

Нашите ученици од централното и подрачното училиште под менторство на нивните наставници го одбележаа Меѓународниот ден на толеранцијата, 16 Ноември под мотото „Толеранцијата е прифаќање и разбирање на различностите“. Учениците цртаа, пишуваа пораки, стихови на повеќе јазици и научија дека толеранцијата не се гледа со очите туку излегува од срцето, и со толеранцијата стануваш подобар човек, кога кон поинаквиот од тебе се однесуваш со почит.

Во склоп на активностите на 02 Октомври, Меѓународниот ден на мирот, учениците од предметна настава и членови на парламентот под менторство на нивните наставници од централното и подрачното училиште реализираа работилница насловена „Одбери мир, насилството не е опција“. Учениците играа игра за сплотување, соработка и помош, проследија презентација за насилството, што е насилство, видови насилство и превенција и изработија постер на истата тема.

Денот на граѓанското образование, а по повод Меѓународниот ден на детето, на 20 Ноември учениците од нашето училиште под водство на нивните избрани претставници ја проследија Конвенцијата за права на детето и секоја паралелка по свој избор, согласно возраста, изработи постери, презентации и цртежи. Меѓународниот ден на детето беше одбележан под мотото; И ЈАС ИМАМ ПРАВА, НО И ОБВРСКА ДА СЕ ГРИЖАМ ЗА ПРАВАТА НА ДРУГИТЕ.

Одбележувањето на Трети декември – Меѓународниот ден на лицата со пречки во развојот се реализираше заедно со Специјалниот едукатор и рехабилитатор во нашето училиште на еден интересен и невообичаен начин. Целта на оваа активност беше развивање свест за потребите на сите.

Учениците од централното училиште од VI - IX одд. членови на ученичкиот парламент и Ученикот правобранител го одбележаа Меѓународниот ден на човековите права, 10 Декември. Под менторство на нивните наставнички ја проследија и анализираа презентацијата за Универзалната декларација на човековите права и изработија постер за настанокот на човековите права, нивниот развој низ историјата, видови на права и документи кои ги заштитуваат истите.

Последна од низата активности, беше работилница и организацијата на прослава на Нова година.

Во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 год се реализираа активности во врска со ученичката заедница, ученичкиот парламент и ученик правобранител. Активностите се наведени во акциониот план за активности според редоследот на реализација. Активностите се реализирани според предвидената динамика по месеци, работилници, дебати, состаноци и др.

Потребни ресурси за реализација: хартија, хартија во боја, фломастери, компјутер, електронска табла, принтер, е-маил адреси, формулари за апликација.

Во второто полугодие се реализираа многубројни активности во врска со ученичката заедница, ученичкиот парламент и ученик правобранител, кои беа планирани во нивните програми, но и во програмите за професионална ориентација на учениците, дебатната секција, Програмата за антикорупциска едукација, ненасилно однесување и слично. Активностите се

наведени во акциониот план за активности според редоследот на реализација.
Активностите се реализирани според предвидената динамика по месеци, работилници, дебати, состаноци и други, за што се изготвени записници.
За издвојување се неколку ученички иницијативи и хуманитарен настан „Мали раце – големи дела“, кој со самата организација и реализација ја постигна целта. Учениците собраа над 240 илјади денари, кои беа наменети за повредените во трагичниот настан во Кочани. Сплотени заедно со родителите, наставниците, локалната заедница и бизнис секторот, покажаа вредности на дело, кои зборуваат за граѓанска одговорност на едно високо хумано ниво.
На свечен настан беше организирано и доделувањето дипломи на претседателот на ученичкиот парламент и ученикот правобранител.
Тимот наставници, стручни соработници во присуство на директорот на училиштето одржаа состанок за преиспитување на сопствената работа и евалуација на улогите и активностите во иднина, кои ќе бидат земени предвид во планирањата.

3. Ученик правобранител

Согласно Законот за основно образование, Законот за ученичко учество и Ресурсниот пакет, минатата година Училиштето распиша оглас за избор на ученик правобранител и заменик правобранител, со мандат од две години. Почитувајќи ја процедурата, Комисијата формирана од директорот на училиштето, го направи следниот избор:
Ученик правобранител: Нина Ѓорѓиева од IX - 1
Заменик правобранител: Бојан Наумов од VIII - 2
По спроведената обука и едукација за зајакнување на нивните капацитети, ученикот правобранител и заменикот правобранител учествуваа во сите активности на Ученичкиот парламент, особено во поддршка на сите ученици и справување со негативните појави, како што е меѓуврсничкото насилство. Во текот на оваа учебна година, ученикот правобранител немаше ниту една претставка од ученик, родител или наставник.

Во текот на второто полугодие ученикот правобранител, со поддршка на одговорните наставници и стручни соработници, учествуваше во сите активности на Ученичкиот парламент, реализираше отворени денови, присуствуваше на состаноците на наставнички совет и навремено детектираше конфликтни ситуации.

Реден бр.	Активности	Очекувани резултати	Временска рамка	Планиран број часови за активноста	Одговорност
1	Состанок на тимот за подршка на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител	Договор за изработка на акционен план на училиштето	22.08.2024	1 час	Директор Тим за поддршка
2	Изготвување акционен план на училиштето	Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците	26.08.2024	4 часа	Директор Тим за поддршка
3	Редефинирање на улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на сите субјекти во училиштето	Обезбеден сеопфатен училишен приод за демократска партиципација на учениците преку: Редефинирање на ресурсниот пакет Мотивирање на поголем број класни раководители за активно учество во спроведување на процедурите. Стекната поддршка од сите субјекти	02.09.2024	1час	Директор Тим за поддршка
4	Спроведување на процедурата за избор на претседател во одделенските заедници	Формирани тела со ученици од одделенските заедници согласно демократските процедури	04.09.2024	3 часа	Тимот одговорен за поддршка и сите одделенски наставници и класни раководители од прво до деветто одд.
5	Спроведување на процедура за избор на ученички	Формирана комисија од тројца членови за спроведување на	23.09.2024	2 часа	Директор Тим за

	парламент	претседател на ученички парламент ученички парламент			поддршка
6	Спроведување на процедура за избор на ученички парламент	Формиран ученички парламент и избрани координатори и координаторно тело на ученичкиот парламент	17.10.2024	3 часа	Директор Тим за поддршка
7	Презентација на искуства и модели за работа на ученички парламент	Правилно разбрана улогата на ученичкиот парламент	17.10.2024	2 часа	Тим за поддршка
8	Формирање Комисија за евалуација на претставки и пријави	Правилно канализирање на работата на Ученикот правобранител и соодветно процесуирање на пријавите	01.11.2024	1 час	Тим за поддршка Наставници
9	Организирање на инфо ден	Отворен ден на ГО и одбележување на Меѓународниот ден на детето	20.11.2024	3 часа	Директор Тим за подршка Сите одделенски и предметни наставници
10	Работилница 1 „Културна толеранција“	Запознаени ученици со културните разлики меѓу луѓето,стекната способност на различни начини да ги решаваат проблемите кои им ги поставува заедничкото живеење	18.10.2024	3 часа	Тим за поддршка Наставници
11	Работилница 2 „Идентификување и разрешување на	Запознаени ученици со видови на конфликти и	03.12.2024	4 часа	Тим за поддршка

	конфликти“	стилови за нивно разрешување			Наставници
12	Работилница 3 „Младинско учество“	Запознаени ученици со скалата на учество на Роџер Харт, како критериум за оценување колку младите се вклучени во решавање на заедничките прашања во училиште и во заедницата	16.12.2024	3 часа	Тим за поддршка Наставници
13	Дебата 1 „Се грижиме доволно за животната средина“	Аргументирано дискутираат, изнесуваат факти, донесуваат конструктивни решенија	Февруари 2025	3 часа	Тим за поддршка Наставници
14	Дебата 2 „Треба учениците да учествуваат при формирањето на нивните оценки“	Аргументирано дискутираат, изнесуваат факти, превземаат одговорност и донесуваат конструктивни решенија	Март 2025	3 часа	Тим за поддршка Наставници
15	Дебата 3 „Културата на другите етнички заедници најдобро се учи преку заедничко чествување на празниците“	Применуваат правила со кои се одвива дебата помеѓу најмалку две спротивни страни, со аргументи за почитување и толеранција	Април 2025	3 часа	Тим за поддршка Наставници
16	Дебата 4 „Учениците треба да учествуваат во изработката на училишниот план за екскурзии и посети“	Аргументирано дискутираат и изнесуваат факти за прилагоденоста на екскурзиите и посетите	Мај 2025	3 часа	Тим за поддршка Наставници
17	Дебата 5 “Ваквиот начин на	Аргументирано дебатираат и конструктивно	Мај 2025	3 часа	Тим за поддршка

	работа на УЗ го подобри имиџот на училиштето”	изведуваат заклучоци			Наставници
18	Состаноци со одделенски заедници Состаноци со ученички парламент Состаноци со ученик правобранител	Подобрена состојбата на имплементација за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки Подобрена состојбата на имплементација за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки. Промовира, дава поддршка и заштита на учениците	Во текот на цела наставна година	5часа 5 часа 5 часа	Тим за поддршка Наставници
19	Состаноци на тимот и менторска поддршка на наставници	Поддршка на капацитетите на наставниците за спроведување акции во ОЗ; Помош во креирање одделенски портфолија Поддршка во спроведување работилници и дебати во одделенските заедници	Во текот на цела учебна година	5 часа	Директор Тим за поддршка

Детска организација

Активностите кои беа спроведени со Детската организација кај учениците будеше чувство на припадност и дружење, подигање на културната свест, како и развивање на натпреварувачки дух. Оваа година беа реализирани следниве активности од страна на Детската организација.

	Реализирана програмска активност	***време на реализација***	***Реализатори***
1	Активности по повод Детската недела од 01.10 до 04.10.2024 година	октомври	Наставници
2	По повод кампањата „Денот на гладта„ под мотото „Помислите и на нас“ во период од 16 до 22 октомври и оваа година во нашето училиште учениците ја покажаа својата хуманост со доделување на хуманитарни пакети на семејсва од социјален ризик	октомври	Наставници Ученици
3	Одбележување на 11-ти Октомври и 23-ти Октомври	октомври	Наставници Ученици
4	Одбележување на 8-ми декември, Св. Климент Охридски”	декември	Наставници Ученици
5	Активности по повод Нова година	декември	Наставници Ученици
7	Учество во училишен првоаприлски маскенбал по повод „Денот на шегата“	Март	Наставници Ученици
8	Одбележување на словенските просветители Св. Кирил и Методиј	мај	Наставници Ученици
9	Учество на хуманитарниот базар „Мали раце, Големи дела“	април	Наставници Ученици

Реализирани активности за Професионална ориентација на учениците

	Реализирана програмска активност	***Време на реализација***	***реализатори***
1	Следење на уписот на учениците во средните училишта и евидентирање	септември	претставници од средните училишта, педагошко-психолошка служба, одд.раководители
2	Доставување списоци на запишани ученици во средните училишта до МОН-ДПИ	септември	претставници од средните училишта, педагошко-психолошка служба, одд.раководители
3	Информираност на ученици	март	педагошко-психолошка служба, одд. раководители

4	Презентации од страна на претставници од средни училишта и делење на брошури на учениците	април, мај	претставници од средни училишта, професори
5	Помош при пресметувањето на бодови за упис во средно училиште и укажување на потребна документација	мај, јуни	педагошко-психолошка служба, одд.раководители ученици

Грижа за здравјето на учениците

Здравствената заштита беше дел од воспитно-образовната работа на училиштето и се однесува на развивање на здравствената култура на учениците и чување на сопственото здравје и околината. Таа беше реализирана преку содржини за здравствено-рекреативно образование, низ адекватни содржини во процесот на наставата.

Заштитата на учениците се состоеше од: редовни систематски прегледи, преглед на заби, редовно вакцинирање и ревакцинирање, предавања за разни болести, болести на зависност, превентива од ХИВ, физичко воспитување, учество во спортски активности, негување на другарство, превентивни хигиенски навики, водење сметка за менталното здравје на учениците, како што е развој на самодоверба, почитување, меѓусебна толеранција и др. Во грижа за здравјето на учениците спаѓаат и организирани излети, летувања, зимувања, екологија и сл.

Систематски прегледи

- I одд.- Систематски преглед
- I одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- II одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- III одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- IV одд. Систематски преглед на заби и залевање
- V одд.- Систематски преглед на заби и залевање
- V одд.- Систематски преглед
- VII одд. – Систематски преглед на заби и залевање
- VII одд. – Систематски преглед

Вакцинирање

Во текот на учебната 2024-2025 година здравствената заштита на учениците се состоеше од следниве вакцини:

- II одд-ДИТЕ и ПОЛИО-вакцина
- IX одд.- ДИТЕ и ПОЛИО-вакцина

Годишниот Извештај се утврдува врз основа на работата и постигнувањата на Тимот за грижа за здравјето на учениците и јасно ги отсликува определбите на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/25 година.

Целта на Годишниот извештај е да се проследи реализацијата во спроведување на едукација на учениците за здрава исхрана, подигнување на свеста, подигнување на училишниот активизам, како и вклучување на родителите.

Во извештајот се претставени ангажирањата на наставниците, педагошко-психолошка служба, стручни соработници и учениците во рамките на планирањето.

Работните задачи беа од аспект на:

- ✓ Ангажирање на наставниците во реализацијата на програмата.
- ✓ Реализација на воннаставни активности, посети и друго.
- ✓ Реализација на други посебни програми од воспитно – образовниот процес: Грижа за здравјето на учениците, Заштита на животната средина, Општествено - корисна и хуманитарна работа.
- ✓ Ангажирање на наставниците во афирмација на училиштето и градење на неговиот имиџ

Во текот на учебната година реализирани се работилници од областа на здравјето, здравите навики на одделенски час преку реализација на програмата Вештини за живеење.

На 16-ти октомври, нашето училиште зема учество во одбележување на „Меѓународниот ден на храната". За време на одделенските часови, одделенските раководители спроведоа работилници на кои учениците промовираа здрава храна и здрав начин на живот. Наставниците одржаа кратка едукација за тоа како и кога треба да одржуваме хигиена и како треба да ја чистиме храната пред конзумирање.

Активностите на тема здрава храна по повод 16-ти октомври - Светски ден на храната, Тимот за здрава храна со голема поддршка на учениците преку изработки и едукативни брошури, дискусија на часовите, приготвување чак, делење јаболка и мед, ја истакнавме потребата од здрави навики во исхраната.

Со почетокот на самата учебна година тековно изработуваа едукативни флаери за користење на здрава храна. Учениците делеа флаери во училиштето, се правеа изложби, презентации и истражувања за здрава храна преку кои учениците ги проширија знаењата за здравиот начин на исхрана.
Активностите кои се изведуваа од страна на наставници, ученици од биолошка и еколошка секција, продолжија со уредување на паното во холот на училиштето со своите изработки, тековно во учебната година.

Од страна на наставниците кои предаваат Животни вештини во текот на месец ноември беа собирани рецепти со акцент на здрава храна. На крајот од собраните рецепти се изработи готвач, кој всушност ги потсети учениците за формирање на здрави навики во исхраната. За таа цел наставниците одржаа кратка едукација за тоа како и кога може да се конзервира свежата храна а притоа да се задржат сите нејзини нутритивни вредности.

Нашето училиште го одбележи Светскиот ден на здравјето - 7-ми април со бројни активности во кои се вклучија наставниците од Тимот за здрава храна заедно со учениците од деветто одделение, под мотото - „Моето здравје, мое право".

Суштинскиот столб на човековите права е правото на здравје. Почитувањето на нашето право на здравје значи почитување на нашите права за пристап до безбедна вода за пиење, чист воздух, добра исхрана, слобода од насилство и дискриминација итн.
Активностите со цел одбележување и заштита на основното човеково право започнаа на ден 07.04.2025 година (понеделник) со презентација на одделенските часови на тема "Здравје и заразни болести", а продолжија во текот на следниот ден со делење на едукативни флаери за здрава храна и здрави навики. Во насока на истата тема имавме и предавање од страна на доктор Маријан Шилев - гинеколог и Александра Милошевска - медицинска сестра и воедно родител на ученик од училиштето. Темата беше насловена - Раст и развој кај младите - пубертет, репродуктивно здравје и хигиена. Предавањето се реализираше на 09.06.2025 година (понеделник) и беше наменето за ученици од седмо, осмо и деветто одделение, со цел едукација за промените што се случуваат во телото за време на растењето особено во период на пубертет.

Реализирани активности за
Превенција од насилно однесување во основното училиште

ИЗВЕШТАЈ

од реализирани активности од проектот
„Сплотени градиме отпорна заедница“

Активност 1:	**Превенција од насилен екстремизам**
Дата на реализација:	**03.10.2024**
Цел на активноста:	Превенција од појава на насилен екстремизам. Навремено препознавање и справување со истиот
Одговорен:	Сања Станковска, Анета Придаенкоска
Опис на активноста	
Обучени волонтери од ООЦК Гази Баба реализираа работилница од 2 училишни часа на тема Превенција од насилен екстремизам на 15 ученици.	

Активност 2:	**Превенција од насилен екстремизам**
Дата на реализација:	**16.10.2024**

Цел на активноста:	Превенција од појава на насилен екстремизам. Навремено препознавање и справување со истиот
Одговорен:	Сања Станковска, Анета Придаенкоска

Опис на активноста

На **16.10.2024** обучените наставници реализираа обука на 20 ученици. Целна група беа ученици од деветто одделение. На почетокот од обуката се дефинира терминот што е насилен **екстремизам**, што вклучуваат **дејствијата** на екстремистите како и **услови** во кои успева да се појави насилниот екстремизам.

Во понатамошниот тек ги претставивме **целите** на насилниот ектремизам, **онлајн влијание**, **опасни последици**, **екстремни идеи**, **употреба на насилство**.

Следен чекор на обуката беа **примери** на насилен екстремизам: насилство од бандите, тероризам, сајбер-малтретирање, култови.



Како **фактори** кои придонесуваат за насилен екстремизам беа посочени: **социјална изолација, економски тешкотии, политичка поларизација, проблеми со менталното здравје, недостаток на образование**, а како **можно решение**: различни пристапи кои се справуваат и со индивидуалните проблеми и со поголемите нееднаквости во општеството.

Посебно внимание им посветивме на **знаците на радикализација**: промени во однесувањето, јазик и реторика, ангажирање со екстремистичка содржина, социјални мрежи, изразување на поплаки, преокупација со насилство.

Во понатамошниот тек разговаравме за **влијанието** кое може да го има насилниот екстремизам врз: безбедноста, единството и почитта, човековите права, мирот и стабилноста, помагањето на другите, како и врз градењето на силни заедници.

Следуваше прашањето: **Како да се заштитиме од насилен екстремизам?** Потенцираме дека: Заштитата од насилен екстремизам бара сеопфатен пристап кој вклучува поединци, заедници и влади. Стратегиите може да вклучуваат промовирање на критичко размислување и медиумска писменост, поттикнување на инклузивни и отпорни заедници и решавање на основните причини за екстремизмот преку социјално и економско зајакнување. Исто така, од суштинско значење е

да се градат партнерства и соработка низ секторите за споделување ресурси, експертиза и најдобри практики. Со промовирање на разбирање, почит и толеранција, можеме да изградиме посилни заедници и да го спречиме ширењето на екстремизмот.

На крајот избравме тим од три ученици кои треба да одржат работилница на нивни врсници под менторство на обучените наставници.

Активност 3:	**Превенција од насилен екстремизам**
Дата на реализација:	**28.10.2024**
Цел на активноста:	Превенција од појава на насилен екстремизам. Навремено препознавање и справување со истиот
Одговорен:	Сања Станковска, Анета Придаенкоска

Опис на активноста

Во рамките на проектот "Сплотени градиме отпорна заедница, на 28.10.2024 година учениците Ангела Поповска, Костадин Гелевски и Теона Чаковска одржаа предавање за превенција од насилство пред своите соученици од Ученичката заедница.

. Темите кои учениците ги опфатија се следните што е насилен **екстремизам**, што вклучуваат **дејствијата** на екстремистите како и **услови** во кои успева да се појави насилниот екстремизам. Ги претставија **целите** на насилниот ектремизам, **онлајн влијание**, **опасни последици**, **екстремни идеи**, **употреба на насилство**.

Како **фактори** кои придонесуваат за насилен екстремизам беа издвоени: **социјална изолација, економски тешкотии, политичка поларизација, проблеми со менталното здравје, недостаток на образование**,

Учениците дискутираа и посочија кои се **знаците на радикализација**: промени во однесувањето, јазик и реторика, ангажирање со екстремистичка содржина, социјални мрежи, изразување на поплаки, преокупација со насилство.

	Реализирана програмска активност	***време на реализација***	***реализатори***
1	Евидентирање на случаи на насилството и изготвување извештаи за спроведени активности	тековно	Тим за превенција
2	Советодавна работа со ученици и евиденција	тековно	Одд. наставници, стручни соработници, Тим за превенција
3	Советодавна работа со родители на ученици кои трпат насилство и со родители на ученици кои манифестираат насилство	тековно	Одд. наставници, стручни соработници, Тим за превенција

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Училишниот Одбор при ООУ„Крсте Мисирков” - Скопје, во текот на учебната 2024/2025 година одржа состаноци на кои се разгледуваа долунаведените точки по следниот ред:

1. Донесување на Одлука за објавување на јавен оглас за директор на училиштето.
2. Формирање на комисија за разгледување на пристигнатите документи од кандидатите за избор на директор по објавениот оглас.
3. Разгледување на записникот од комисијата на пристигнати документи по објавен оглас за Директор.

4. Спроведување на интервју од страна на Училишниот одбор и претставникот од БРО со кандидатите кои ги исполнуваат условите по објавениот оглас за директор на ООУ „Крсте Мисирков“-Скопје
5. Формирање на комисија за спроведување на гласањето за избор на директор.
6. Избор на директор во ООУ„Крсте Мисирков“-Скопје.
7. Донесување на програмата на изведување на екскурзии и други слободни активности за учебната 2024/25 година.
8. Донесување на Одлука за објавување на оглас во дневен пречат и формирање на комисија за спроведување на постапка и прибирање на понуди за екскурзии на ученици.,
9. Спроведување на интервју од страна на Училишниот одбор и претставникот од БРО со кандидатите кои ги исполнуваат условите по објавениот оглас за директор на ООУ „Крсте Мисирков“-Скопје
10. Формирање на комисија за спроведување на гласањето за избор на директор.
11. Усвојување на успехот и поведението на учениците во првиот квартал 2024/2025 година.
12. Донесување на Одлука за отпочнување на редовен и целосен попис за 2024 година.
13. Донесување на Одлука за исплата на договор на дело за лице за спроведување на јавни набавки.
14. Давање на изјава за роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен со назначениот Директор во ООУ„Крсте Мисирков“-Скопје – Билјана Трајановска.
15. Разгледување на Решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба за избор на Директор на ООУ„Крсте Мисирков“-Скопје.
16. Донесување на одлука за издавање на простор по закуп во училиштето и објавување на оглас.
17. Усвојување на извештајот од реализираниот излет во Дељадровци и едно дневната екскурзија во Лешок за квалиттот на дадените услуги.
18. Разгледување на записникот од комисијата за проверка на документите од пријавените кандидати по објавен оглас за прием на наставен кадар до враќање на наставник од неплатено отсуство.
19. Разгледување на записникот од комисијата за проверка на македонскиот јазик.
20. Давање на предлог за вработување на наставен кадар до враќање на наставник од неплатено отсуство до Директорот на училиштето.
21. Донесување Одлука за висината на касов максимум за 2025 година.
22. Донесување на Одлука за исплата на готовина за употреба на такси превоз за 2025 година.
23. Донесување на Одлука за користење на сопствено возило за службени цели за 2025 година.
24. Разгледување и усвојување на предлог план за јавни набавки за 2025 година.
25. Донесување на Одлука за користење на службен телефон и одобрување на надомест.

26. Донесување на Одлука за користење на автобуска карта за службени цели за 2025 година.
27. Верификација на член во училишен одбор.
28. Давање на изјава за роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен со назначениот Директор во ООУ„Крсте Мисирков“-Скопје – Билјана Трајановска.

29.Разгледување на записникот од комисијата за проверка на документите од пријавените кандидати по објавен оглас за прием на наставен кадар до 31.08.2025 година.

30 Разгледување на записникот од комисијата за проверка на македонскиот јазик.

31.Давање на предлог за вработување на наставен и ненаставен кадар до 31.08.2025 година до Директорот на училиштето.

32. Разгледување и усвојување на финансов план за 2025 година.

33 .Усвојување на Извештајот за успехот и поведението на учениците за првото полугодие за учебната 2024/2025 година.

34. Усвојување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето учебната 2024/2025 година.

35. Донесување на Одлука за издавање на простор под закуп во училиштето и објавување на оглас.

36.Разгледување на пописни листи од физичкиот попис од пописната комисија за 2024 година.

37. Донесување на одлука за учество на општински, регионални и државни натпревари за учениците од ООУ Крсте Мисирков Скопје.

38. Конституирање на УО со нови членови и верификација на членови од редот на наставниците и од редот на родителите .

39. Избор на Претседател и заменик претседател на УО.

40. Давање на изјава за роднинска врска по прва линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен со назначениот Директор во ООУ„Крсте Мисирков“-Скопје – Билјана Трајановска.

41.Усвојување на записникот од минатата седница на УО.

42.Разгледување и усвојување на Финансискиот извештај за завршна сметка и тоа на буџетска 903 – самофинансирачка 787.

43. Разгледување барања за простор под закуп.

44. Давање на пердлог до Директорот за најповилен понудувач.

45. Разгледување на записникот од комисијата за проверка на документите од пријавените кандидати по објавен оглас за прием на наставен кадар до враќање на наставник од неплатено отсуство.

46. Разгледување на записникот од комисијата за проверка на македонскиот јазик.

47. Давање на предлог за вработување на наставен кадар до враќање на наставник од неплатено отсуство до Директорот на училиштето.

48Донесување на одлука за усвојување на - ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, ПАМЕТНИ ЧАСОВНИЦИ И ОСТАНАТИ УРЕДИ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА

49.Разгледување на записникот од комисијата за проверка на документите од пријавените кандидати по објавен оглас за прием на наставен кадар до враќање на наставник од боледување.

50.Разгледување на записникот од комисијата за проверка на македонскиот јазик.

51.Давање на предлог за вработување на наставен кадар до враќање на наставник од боледување до Директорот на училиштето.

52. Разгледување на извештајот од еднодневен излет, дводневна екскурзија.

53.Усвојување на успехот и поведението на учениците во третото тромесечие во учебната 2024/25 година.

54. Донесување на Одлука за поклон за првенец на генерација и поклони за ученици со континуиран успех.

55. Формирање на стручен тим за подготовка на програмата за изведување на екскурзии и други слободни активности на учениците.

56. Разгледување на извештајот од еднодневен излет, дводневна екскурзија.

57.Разгледување на записникот од комисијата за проверка на документите од пријавените кандидати по објавен оглас за прием на наставен кадар до 31.08.2025 година.

58. Разгледување на записникот од комисијата за проверка на македонскиот јазик.

59.Давање на предлог за вработување на наставен кадар до 31.08.2025 година до Директорот на училиштето.

60.Разгледување на извештајот од еднодневен излет и настава во природа.

61.Усвојување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2024/25 година за IX-то одделение

62. Усвојување на годишниот извештај за работа на училиштето 2024/25 година.

63. Усвојување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2024/25 година од I-во до IX-то одделение.

64. Донесување на Одлука за надомест за лице за изработка на распоред на часови за учебната 2025/26 година.

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Совет на родители

Родителите имаат право и обврска, во интерес на своите деца да учествуваат во одлучувањата на прашањата поврзани со работата на училиштето и функционирањето на образовниот состав воопшто. Советот на родители го сочинуваат родителите на учениците, кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родители се бираат од страна на родителите од секоја паралелка на родителски состанок.

Советот на родители ја следи воспитно-образовната работа во училиштето; дава свои предлози и мислења за воспитно-образовниот процес на учениците; дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученик-наставник-родител; зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитанието на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизам, пушење, наркоманијата и слично; ангажира поголем број на родители со цел поефикасно решавање на прашања поврзани со воспитно – образовната работа на учениците; дава целосна подршка во Проектите во кои е вклучено училиштето. Советот на родители избира свои претставници во Училишниот одбор; Учествува во изготвувањето на правилници и други работи во интерес на успешноста на работата.

Време на реализација	*Реализирани содржини и активности*
11. 11. 2024	• Претставување на членовите во Советот на родители за учебната 2024/25 година • Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение за првото тримесечие од учебната 2024/25 година • Разгледување на извештаите од еднодневниот излет во Дељадровци за учениците од I до IX одд., и еднодневната екскурзија во Лешок за учениците од III одд.
20.01.2025	• Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение за првото полугодие од учебната 2024/25 година • Разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024-2025 • Разно
04.03.2025	• Препораки и насоки за безбедно користење на дигитални платформи од страна на учениците, користење алатки за родителска заштита- инсталирање на апликацијата Child protection Apps.
14.04.2025	• Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение за третото тримесечие од учебната 2024/25 година
13.06.2025	• Разгледување на успехот и поведението на учениците од деветто одделение на крајот од учебната 2024/25 година
18.06.2025	• Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до деветто одделение на крајот од учебната 2024/25 година • Разгледување на годишниот извештај за работата на учиишто за учебната 2024/2025 година • Разгледување на извештаите од реализираните излети и екскурзии од учебната 2024/25 година

ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Со цел подобрување на квалитетот на наставата и следење на современите образовни практики, наставниците во училиштето постојано реализираат активности за професионално усовршување и развивање на своите компетенции. Овој развој се остварува преку учество во акредитирани обуки, проекти поддржани од Министерството за образование, интерно стручно усовршување, соработка во меѓуучилишни тимови, како и преку индивидуални форми на учење. Активностите за професионален развој се организираат така што не го попречуваат редовниот наставен процес – директорот на училиштето се грижи за соодветна замена при отсуство на наставници поради обучувања или други форми на усовршување.

На почетокот на учебната 2024/2025 година, секој наставник изготви личен план за професионален развој врз основа на самоевалуација на своите професионални компетенции, земајќи ги предвид можностите за унапредување и тимската соработка во рамки на стручните активи. Врз основа на овие лични планови, наставниците активно учествуваа и на бројни дополнителни вебинари, обуки и работилници кои не беа дел од првичните активности, но придонесоа за нивниот професионален раст.

Во текот на првото полугодие, дел од наставниците во училиштето посетија обуки во организација на Едуино Лаб во соработка со МОН и БРО: „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери и добри практики“ и „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“.

Марија Бошковска, специјален едукатор и рехабилитатор, ја посети обуката „Примена на асистивна технологија како алатка за поддршка на инклузијата“ во организација на здружението „Отворете ги прозорците“. На истата обука присуствуваа и Маргица Стефановска и Анкица Младеновска, како членови на Училишниот инклузивен тим.

Марија Бошковска учествуваше и на обука „Справување со меѓуврснички насилство во училиштата“, во организација на Институт за економски стратегии и меѓународни односи, Визија плус и „Превенција и справување со насилен екстремизам“, организирана од Здружение на граѓани против насилство и трговија со луѓе-Отворена порта и Здружение за поддршка и развој-Хуманост, Општина Гази Баба.

Наставникот Ана Николова, во организација на Црвен Крст, учествуваше на обука „Превенција од насилен екстремизам и радикализација“ во рамките на проектот „Сплотени градиме отпорна заедница“, а присуствуваше на панел дискусија „Важноста на менталното здравје на работното место, одбележување на светскиот ден на менталното здравје“.

Наставникот Ѓорѓи Цеков, присуствуваше на обука „Законските обврски, стратегии, и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците“.

Наставникот Анита Ангеловска, присуствуваше на работилница за наставници „Собранието и граѓанското образование“, обука од Парламентарен институт, Собрание на Република Северна Македонија, организирана од МОН и БРО.

Наставникот Маја Виденовиќ, во текот на првото полугодие учествуваше на Fulbright Teaching Excellence and Achievement Program: Media Literacy Cohort на University of Wisconsin in Madison, USA. За време на оваа програма таа ги продлабочи своите знаења и вештини од областа на медиумската писменост, користење на современи педагошки пристапи и користење на технологија во училница, а истовремено се запозна и со образовниот систем во САД. Имаше можност да престојува, следи и реализира часови со средно училиште, како и да споделува искуства и добри практики со наставници од Европа и САД. Стекнатите знаења од овој престој наставникот ги сподели со сите наставници и стручни соработници во училиштето. Таа во текот на месец јануари одржа обуки за наставниците на тема: Медиумска писменост и вештачка интелигенција.

Во текот на првото полугодие Маја Виденовиќ учествуваше и на 3rd European Summit for STEAM Educators, во организација на EASE- EuropeAn network of STEAM Educators, каде

имаше презентација за „Empowering education through AI for interactive and engaging learning experiences“. На IEEE International Conference on IT in Higher Education and Training, ITHET 2024, на University Sorbonne Paris Nord, Франција, презентираше за „PlayfulPeer Pedagogy: The framework for integrating game-based learning and peer instruction in primary education“. Маја Виденовиќ учествуваше и на TechCamp Slovakia: Educate, Empower, Expose: Combating Disinformation, во организација на Slovak Debate Association, каде реализираше работилница за „AI and media literacy education: strategies, approaches and tools: first-hand experience”. Во текот на месец ноември, наставникот учествуваше и на Design Thinking Workshop, организиран од European Digital Education Hub, во Hasso Platner Institute (HPI) in Potsdam, Germany.

Наставникот Анета Чаковска имаше неколку онлајн активности за професионален развој: онлајн курс за Стекнување компентенции за медиумска и дигитална безбедност во организација проектот EDU CyberGuardians; „Новости на ЕСЕП“ и “ИКТ алатки“ во организација на eTwinning одделението на Сектор за координација и реализација на европски програми и мрежи во рамки на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Присуствуваше и на предавање „Наставниците како водичи во формирањето на јавното мислење кај учениците“ во организација на ЗПГМ Проф. Д-р Љубе Миленковски – Скопје.

Наставниците по природни науки, Анета Топалова и Анета Чаковска учествуваа и на онлајн настан во организација на образовниот центар STEM зборница: „2 приступа науци кроз екперименте: Наука и знање = играње!“.

Во текот на второто полугодие наставниците во училиштето продолжија со реализација на активности за професионален развој. Наставниците Марија Каранџуловска, Јасминка Милошевска и Маја Караџоска учествуваа на работилница „Комуникациски вештини за новото време“, како дел од проект кој е реализиран од општина Гази Баба во соработка со граѓански организации.

Наставниците Анета Придаенкоска и Даниела Здравева Стевковска учествуваа на обуки во организација на ЕЛТАМ – „Implementing AI-generated content in ESL classes“ и „Enhancing the speaking skill for English language learners“. Наставниците Анета Придаенкоска и Ана Николова учествуваа на интегрирана обука за наставници: Проблемско-базирано и кинестетичко учење во комбиниран метод, во организација на Креатив Хаб, поддржано од општина Гази Баба.

Наставниците по физичко и здравствено образование, Дејан Ангеловски, Бобан Величковски, Дарко Костиќ и Александар Цветковски, учествуваа на обука „Аутизам, физичко образование и спорт“, во организација на Македонско научно здружение за аутизам.

Во текот на второто полугодие наставникот Маја Виденовиќ, реализираше вебинар Scientix® STEM School Label: Be an Expert – Strategies for Engaging Students and Teachers in STEM Education, во организација на European Schoolnet. На вебинарот беше споделено искуството на нашето училиште во добивањето на ознаката за експерт СТЕМ училиште.

Наставникот Маја Виденовиќ реализираше обука на национално ниво во рамки на проектот „Практично учење преку симулација на игра за зајакнување на вештините за сајбер безбедност“ во организација на Центарот за иновации и дигитална едукација. Наставникот

Анета Чаковска учествуваше на оваа обука а наставникот Анета Топалова следеше вебинар на истата тема.

Во текот на второто полугодие Маја Виденовиќ учествуваше и во два масовни онлајн курсеви во организација на European Schoolnet: Child Online Safety: What Educators need to know и EmpowerED educators: becoming pedagogical mentors for EdTech co-design. Во текот на месец мај наставникот учествуваше на eGOV2025 конференција: Од бајти до бенефити: Зголемување на просперитетот преку дигитална трансформација, во организација на e-Governance Academy, во Талин, Естонија.

Маја Виденовиќ во текот на месец јуни 2025 го одбрани и својот докторски труд на тема: Методологии за унапредување на наставата по информатика во основно образование со учење базирано на игра. Исто така, таа учествуваше и на работилница на тема: Rethinking education in the age of digital skills, во Брисел, Белгија.

Наставникот Анета Смилевска учествуваше на обука за наставен кадар - Размисли пред да „заследиш“, за безбедност на твоите пари во иднина за време на Глобалната недела на парите, во организација на Дирекцијата за заштита на потрошувачите и финансиска едукација, НБРСМ.

Наставниците Анета Топалова и Анета Чаковска учествуваа на вебинар Практични совети за користење на вештачка интелигенција за наставници.

Стручните активи во училиштето ги реализираат своите програми за работа во кои се застапени следните активности: комуникација, размена на професионално искуство, отворени часови во одделенска и предметна настава, работилници според потребите на наставниците, презентации, решавање на одредени проблеми итн.

Овие активности не само што придонесоа за подобрување на стручните знаења и вештини на наставниците, туку и поттикнаа поголема соработка, размена на искуства и создавање позитивна и професионална училишна култура. Тимот за професионален развој ќе продолжи да ги следи потребите на наставниот кадар и да предлага активности кои ќе овозможат одржлив и квалитетен напредок во иднина.

МИО и Мултикултурализам

ООУ "Крсте Мисирков” се наоѓа во мултиетничка средина и во него целокупниот воспитно – образовен процес го следат ученици од различни етникуми. Училиштето е вклучено во проектот за Меѓуетничка итеграција во македонскиот образовен систем од учебната 2013/2014 година. Активностите за проектот се опфатени и во Годишната програма на училиштето.

ООУ "Крсте Мисирков” се наоѓа во мултиетничка средина и во него целокупниот воспитно – образовен процес го следат ученици од различни етникуми. Училиштето е вклучено во проектот за Меѓуетничка итеграција во македонскиот образовен систем од

учебната 2013/2014 година. Активностите за проектот се опфатени и во Годишната програма на училиштето.

Во таа насока склучено е партнерство со друго мултиетничко училиште ООУ „Кирил и Методиј "-Страчинци и ООУ „Наим Фрашери", Тетово. Оваа учебна година нашето училиште го зема во предвид мултикултурниот карактер на општеството и се стреми активно да придонесе за мирен соживот и позитивна интеракција помеѓу различните културни групи. Иако наставата се одвива на македонски наставен јазик, сепак застапени се ученици од други културни и јазични заедници: Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци и други. Интензивно и масовно работиме на самостојните активности со мултикултурно образование преку учење за другите култури, поттикнуваме прифаќање и толеранција на разликите. Тоа се случува и во редовната настава и во воннаставните активности (преку работилници и преку подготовка на визуелен материјал во холовите кој го отсликува мултикултурниот карактер на нашата држава).За таа цел реализиравме активност во рамките на редовната настава меѓу учениците. Сите твореа на тема „Кирил и Методиј нашите просветители". Во текот на активноста тие меѓусебно се договараа, си помагаа, се дружеа. Активноста беше реализирана со ученици од сите етнички групи и различна полова припадност.

Годишен извештај за реализирани активности за антикорупциска едукација на учениците во училиштето за учебната 2024/2025 година

Нашето училиште располага со еден обучен наставник за антикорупциска едукација на учениците, но презентациите и главните пароли преку презентации беа споделувани со учениците од Ученичкиот парламент, а преку Тимот за поддршка на ученичката заедница и претставниците од сите паралелки од IV – IX одделение, сите ученици на оваа возраст беа сензибилизирани на темите подолу.

Носечка реченица: ***Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш.***

Други слогани и пароли посветени на корупцијата:

- *Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.*
- *Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои!*
- *Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.*
- *Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.*
- *Со корупција сите плаќаат двојно.*

Од планираните содржини и активности поврзани со антикорупциска едукација на учениците, согласно Годишната програма за работа, согласно насоките од БРО и МОН, активности наведени во табелата во прилог се реализирани во текот на првото полугодие од учебната 2024/2025 година.

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Етички вредности (чесност, лажење, вистинољубивост, праведност, уцена, подмитување, клевета, неправда	Дава примери за неетичко однесување	05 и 07.09. 2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование Одделенски наставници за V одделение и учениците	приказни за однесување во кои има примери за лажење, клевета,подмитување, неправда.	Прави разлика меѓу лоши постапки, неправди и лаги наспроти морално/добро однесување	Директор и стручна служба
Непотизам, мито и корупција (непотизам, подмитување, мито, корупција, антикорупција)	Разликува непотизам во дадени примери на ситуации. Наведува примери на ситуации од реалноста во кои е можно да се јави непотизам, мито, корупција, антикорупција	16 - 27.09. 2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование Одделенски наставници за IV одделение и учениците	Незавршена приказна (за наставникот)	Препознава непотизам, подмитување и корупција во дадени примери (ситуации) и наведува примери за нивно спречување,	Директор и стручна служба
Да се проверат предзнаењата на учениците за корупција и анти корупција	Пополнување на анкета за предзнаењата на учениците за корупција и антикорупција	03.10.2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент	Анкетен прашалник	Пополнети анкетни прашалници и анализа на прашалникот во проценти Идентификувани предзнаењата на учениците	Директор и стручна служба

Учениците да го воочат штетното влијание од корупцијата	Причини и последици од корупцијата преку работилница “Линија на животот“	09.10.2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент	Говорна активност, Дискусија, кусо поучување	Воочување на штетното влијание на корупцијата од страна на учениците	Директор и стручна служба
Учениците да се запознаат со основните поими кои се однесуваат на корупцијата и антикорупцијата, да препознаваат ситуации во кои има коруптивни активности, механизми за борба против корупцијата.	Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	16.10.2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент	Презентација, Поучување, Дискусија, крстозбор	Запознаени ученици со основните поими за корупција и антикорупција; оспособени да препознаваат ситуации во кои има коруптивни активности и запознаени со механизмите за борба против корупцијата.	Директор и стручна служба
Преку конкретни ситуации да препознаваат коруптивни активности и како заклучок дека секој може да помогне во борбата против корупцијата ако реагира и пријави корупција без разлика од чија страна е направена.	Активна борба против корупцијата преку конкретни ситуации	20.11.2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и ученичкиот парламент	Говорна активност, Дискусија, кусо поучување	Запознаени ученици преку конкретни ситуации со коруптивни активности; заклучоци дека секој може да помогне во борбата против корупцијата ако реагира и пријави корупција	Директор и стручна служба
Учениците да изработуваат постери на тема корупција и	Борба против корупцијата изработки	10.12.2024	Анита Ангеловска, наставник по	Работилница	Изработени постери, слогани, фрази за	Директор и стручна служба

антикорупција, да пишуваат слогани и фрази, да изработуваат цртежи, пишуваат песни			граѓанско образование и учениците од училишната заедница и Тимот за поддршка на Ученичкиот парламент,		корупцијата и антикорупцијата, песни и цртежи. Подигната свесност кај учениците и родителите за постоењето на корупцијата во општествата	
Учениците да изработат презентација на тема “Корупција и антикорупција“	Изработка на презентација на тема корупција и антикорупција	10.12.2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование и учениците од училишната заедница и Тимот за поддршка на Ученичкиот парламент,	Презентација	Презентација на тема „Корупција и антикорупција “ од учениците, осамостоени и оспособени ученици за изработка на презентација за штетните влијанија за развојот на личноста и општеството.	Директор и стручна служба
Запознавање со корупцијата како негативна појава во општеството Наставна содржина „Чесност-најголема добродетел“	Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	26.12.2024	Анита Ангеловска, наставник по граѓанско образование Наставник по Етика и ученици од 7 одд.	Етички кодекс објаснување на поими(говор на активност) дискусија искажување на сопствени сознанија ставови и мислења	Запознаени ученици со основните поими за корупцијата и антикорупцијата; препознаваат ситуации во кои има коруптивни активности и запознаени се со механизмите за борба против корупцијата.	Директор и стручна служба

Хоризонтално учење

Преку отворени часови, состаноци на стручни активи, дисеминација на стекнати знаења, работилници и слично, континуирано се вршеше пренесување на стекнатите знаења и размена на професионално искуство помеѓу наставниците.

Стручни активи

Во училиштето работат три актива и тоа: актив на наставници од општествено-хуманитарна група предмети, актив на наставници од природна група предмети и актив на одделенска настава. Сите активи ја реализираа сопствената програма за работа за што постои записничка евиденција. Отворените часови беа посетени од страна на Директорот на училиштето, стручната служба и наставниците.

Стручен актив на општествено хуманитарна група предмети за реализација на програмата на крајот од учебната 2024/2025

Стручниот актив на општествено хуманитарната група предмети во учебната **2024/2025** година работеше според предвидените активности од годишната програма.

Во текот на учебната година, Стручниот актив на општествени и хуманитарни групи на предмети при ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје, континуирано одржуваше консултативни состаноци, но и индивидуални консултации на наставници од историодни предмети, но и консултации со наставници од другите групи на предмети. Сето тоа со цел и задача за реализација на основните цели на програмата. Анализата за слабостите во наставата ги поттикнаа наставниците во подобрување и надминување на истите, додека добрите резултати се само стимул за уште поквалитетна реализација на наставата во училиштето.

Евидентен е напредокот кај сите наставници од Стручниот актив, а воедно Активот смета дека овој формат на споделување на искуства и практики се корисни за сите, а особено за наставниците-приправници и колегите со покусо работно искуство.

Програмата на работата на Стручниот актив на општествени и хуманитарни предмети при ООУ „Крсте Мисирков“ е во целост реализирана, како во делот на создавање на истата, така и во реализацијата на стручните предавања или нагледните часови кои се предвидени со динамиката на програмата.

За секој состанок на Стручниот актив е водена писмена евиденција во форма на записник.

Годишен извештај од Стручен актив на јазична група предмети

Стручниот актив на јазичната група предмети во текот на учебната 2024/2025 година работеше според планираните активности од годишната програма. Согласно истата, реализирани се следните активности:

Јуни 2024

- Планирање на активности и содржини за реализација во стручниот актив во учебната 2024/2025 и поделба на задолженија за нејзина изработка

Јули 2024

- Изработка и усвојување на програмата

Август 2024

- Планирање на воннаставни активности
- Размена на сознанија за изготвување на планирања

Септември 2024

- Изработка на лични планови за професионален развој
- Нагледно предавање: Улогата на домашните задачи во наставниот процес по мајчин јазик – Мирјана Малјановска
- Активности за одбележување на Европскиот ден на јазиците

Октомври 2024

- Обработка на Present Perfect со конструкциите already, since, for, just, yet – Фросина Алексовска

Ноември 2024

- Нагледен час: Образувањето и употреба на глаголски конструкции со сум и има – Ана Николова

Декември 2024

- Нагледен час: Обработка на Past Simple (правилни и неправилни глаголи) - потврдни, прашални и одречни реченици – Оливера Костадиноска

Јануари 2025

- Анализа на успехот и постигнувањата на учениците во првото полугодие во училиштето

Февруари 2025

- Нагледен час: Предмет и видови предмети – Благица Ристивојевиќ

Март 2025

- Нагледен час: Креирање наставни материјали во Power Point – Анета Придаенкоска

Април 2025

- Нагледен час: Бројни и небројни именки - Даниела Здравева Стевковска

Мај 2025

- Нагледен час: Разменување информации за активностите од своето слободно време – Весна Димитровска

Јуни 2025

- Изготвување и анализа на извештаите од личниот план за професионален развој

Извештај за работата на стручниот актив на природно математичката група предмети

Во текот на учебната 2024/ 2025 година стручниот актив на природно математичката група на предмети ги реализираше своите активности според планираната динамика. Планирањето на работата на стручниот актив на природно математичката група предмети беше направено во текот на месец јуни 2024, кога сите членови заеднички ги испланираа

активностите кои ќе ги реализираат оваа учебна година за заедничко постигнување на планираните цели и зајакнување на своите компетенции преку споделување на искуства, идеи и добри практики. На почетокот на учебната година заеднички беа изготвени личните планови за професионален развој на наставниците, земајќи ги во предвид областите во кои наставниците е потребно да ги зајакнат своите компетенции.

Наставниците од овој стручен актив во текот на месец септември дискутираа и заеднички го испланираа начинот на реализација на воннаставните и вонучилишните активности. Во текот на годината наставниците кои предаваат ист предмет се организираа во мали групи и реализираа средби на кои споделуваа сопствени знаења и педагошки практики, со цел поквалитетна реализација на наставата.

Наставниците Анета Топалова и Сашка Крстевски на 18.10.2024 година одржаа стручно предавање „Како физиката и хемијата ДА НЕ бидат научна фантастика“. Предавањето беше фокусирано на важноста на СТЕМ едукацијата во образовниот систем и начините за поттикнување на интересот и мотивацијата на учениците за изучување на овие предмети.

Во текот на месец ноември, наставниците од стручниот актив заеднички дискутираа за учениците кои постигнуваат успех по одредени предмети, и ги идентификуваа учениците кои ќе учествуваат на натпревари. Активноста на овие ученици и нивниот успех на натпреварите се следи во текот на целата учебна година.

Во текот на месец јануари наставникот по информатика Маја Виденовиќ изврши дисеминација на стекнатите знаења од реализираната програма за медиумска писменост: Fulbright Teaching Excellent and Achievement: Media Literacy на University of Wisconsin – Madison. Истата даде осврт на различни стратегии кои може да се искористат во наставата за развивање на медиумската писменост на учениците. Дополнително, фокус беше ставен на важноста на вештачката интелигенција и различни алатки кои може да се искористат во едукацијата за медиумска писменост во училиштата.

Во текот на месец февруари наставникот по информатика Маја Виденовиќ го сподели искуството од изготвувањето на едукативни игри преку креирање на приказни со вештачка интелигенција и нивно имплементирање за време на одбележување на Недела на информатиката во училиштето.

Во текот на учебната 2024 2025 година беа реализирани неколку отворени часови:

- отворен час по географија: Брегова разгранетост на Европа, реализан на 12.10.2024 од наставникот Анета Чаковска
- отворен час по хемија: Влијанието на концентрацијата врз брзината на хемиските реакции, реализиран на 21.11.2024 од наставникот Сашка Крстевски
- отворен час по математика: Периметар и плоштина на круг, реализиран на 13.12.2024 од наставникот Билјана Велјановска
- отворен час по математика: Собирање и одземање неправилни дропки, реализиран на 07.03.2025 од наставникот Елена Новакова
- отворен час по математика: Разни задачи со геометриски трансформации, реализиран на 25.04.2025 од Анета Смилевска

На 17.06.2025 година членовите на стручниот актив на природно математичката група предмети заеднички ги анализираа личните планови за професионален развој и ја анализираа

реализацијата на планираните активности. На овој состанок беше направена и анализа на работата на стручниот актив во учебната 2024/ 2025 година.

Работата на стручниот актив на природно-математичката група предмети во текот на учебната 2024/2025 година беше успешно реализирана, со активно учество на сите членови и доследно следење на планираните активности. Преку редовна соработка, размена на искуства и примена на добри практики, наставниците ја унапредија својата стручност и придонесоа кон подобрување на наставниот процес. Активот покажа високо ниво на професионалност и посветеност во реализирањето на поставените цели, при што беа поттикнати тимската работа, критичкото размислување и континуираниот професионален развој. Овие постигнувања претставуваат добра основа за понатамошно унапредување на наставата и резултатите на учениците во идните учебни години.

Стручен актив од одделенска настава од реализација на програмата за прво полугодие од учебната 2024/2025 година

Според годишната програма за работа на стручниот актив на одделенска настава за учебната 2024/2025 година при ООУ ”Крсте Мисирков – Скопје” во оваа учебна година реализирани се следниве активности:

1.Запознавање со програмата што ќе се реализира на стручен актив за учебната 2024/2025 година ;

2.Состанок на стручниот актив на одделенска настава при ООУ ,,Крсте Мисирков,, - Скопје - Консултација за изработка на личниот план за професионален развој на наставниците за учебна 2024-2025 година;

3.Состанок на стручниот актив на одделенска настава при ООУ ,,Крсте Мисирков,, - Скопје - Комплетирање на личниот план за професионален развој на наставниците за учебна 2024-2025 година;

4.Нагледан час од страна на одделенски наставник Славица Зафировска V–3 одд. по предметот Македонски јазик на Тема: Јазик како средство за комуникација (знаци, сигнали, симболи, усна и писмена комуникација, стандарден/ литературен јазик, дијалект/ народен говор); наставна содржина: Текст „Неканети гости“; Индикатори – Препознава кога комуникацијата е на стандарден/литературен јазик, а кога е на дијалект/народен говор и објаснува зошто;Користи стандарден македонски јазик во усна и писмена комуникација;

5.Состанок на стручниот актив на одделенска настава при ООУ ,,Крсте Мисирков,, - Скопје - Договор за списанија каде се донесе одлука за Списанијата Росица, Другарче и Развигор од издавачка куќа ,,Просветно дело,,.

6. Состанок на стручниот актив со одделенски наставници од I-V одделение за деца со посебни потреби - приказ на ученици со пп, кои се со проценка од МКФ и нивоа на поддршка.

7. Одбележување на Денот за здрава храна 16 Октомври – Предавање за здрава храна-цртежи,рецепти на тема здрава храна....

8. Нагледан час од страна на одделенски наставник Маргица Стефановска III –4 одд. по предметот Македонски јазик на Тема: Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо ; наставна содржина: Латиница печатни букви Сс и Čč - Читање латиница; Индикатори - Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.

9. Нагледан час од страна на одделенски наставник Мимоза Црвенова III – 2 одд. по предметот Математика на Тема: Геометрија ; наставна содржина: Отсечка(отсечка, точка, припаѓа, не припаѓа) ; Индикатори - Означува точка на отсечката и надвор од неа.

10. Нагледан час од страна на одделенски наставник Борка Цифревска 1-2 одд.по предметот Математика на тема 2: БРОЕВИ И БРОЕЊЕ Броеви до 30 (број, количина, цифра). Запишува броеви до 20 ;Броевите 19 и 20;активности: Броење со помош на манипулативи , читање и пишување на броевите;Индикатори- Знае да запишува броеви до 20, односно броевите 19 и 20.

11. Нагледен час – работилница – од страна на одделенскиот наставник Марија Каранџуловска од продолжен престој по повод Меѓународен ден на жената и работилница за Изработка на декоративен накит и честитки ,со наставни средства Смарт табла, учебник, тетратка, прибор за пишување,блок ,колаж, водени и темперни боички,мрсни боички,фломастери и декоративни материјали со очекувана цел да знае да прави изработки од повеќе и различни материјали.

12. Нагледен час – работилница – од страна на одделенскиот наставник Јелена Д.Блажевска од продолжен престој по повод Велигден најголемиот христијански празник со активности за Изработка на велигденски украси, со наставни средства Смарт табла,хартија во боја,хамер,ножици, лепак,прибор за работа,природни и вештачки материјали со цел да знае да прави изработки од хартија,хамер,природни материјали, итн.

13. Нагледан час од страна на одделенски наставник Ивана Милковска IV – 3 одд. по предметот :Македонски јазик на тема Литература и творење ; наставна содржина Читање и интерпретација на литературни текстови , активности Одговара на прашања и поставува прашања за содржината на прочитан литературен текст.
Ги одредува темата,ликовите,местото,времето и хронолошкиот ред на настаните во прочитан литературен текст ,Индикатори Знае да одговара на прашања и поставува прашања за содржината на прочитан литературен текст Знае да ги одреди темата,ликовите,местото,времето и хронолошкиот ред на настаните во прочитан литературен текст;
14. Разгледување на успехот на учениците и анализа на напредокот на ученици со Статистички прегледи, разговори, анализи, консултации со помош на следниве наставни средства Статистички анализи и евидентни листи на учениците се со цел Согледување на успехот кај учениците и утврдување на потреби за помош и корекции доколку има потреба разгледани на Наставничкиот совет при училиштето .

15. Анализа на успехот и постигањата на учениците константирани со Статистички преглед, разговори, анализи, консултации со сите членови на стручниот актив , Директор, педагог,

психолог, дефектолог со Статистички анализи,анализи на успех,извештаи на педагошката служба се со цел Насоки за подобрување на успехот.

Годишен извештај за екскурзии

Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/25 година беа планирани следните активности: екскурзии и излети.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX беа организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение.

- На ден 21.10.2024 година беше изведена еднодневна екскурзија во Лешок со учениците од трето одделение.

- На ден 25.10.2024 година ООУ „Крсте Мисирков“ организираше еднодневен излет во Дељадровци за учениците од прво до деветто одделение.

- Во период од 02.04 до 04.04.2025 година се реализира тридневната екскурзија со учениците од IX одделение низ Западниот дел на Република Северна Македонија.

- На 7.05 и 8.05.2025 година реализирана е дводневна екскурзија низ источниот дел на Република Северна Македонија за учениците од шесто одделение.

- На ден 23.05.2025 година ООУ „Крсте Мисирков“ организираше еднодневен излет во Сарај за учениците од прво до деветто одделение.

- Во периодот од 02.06.2025 до 05.06.2025 година реализирана е настава во Природа во Охрид за учениците од петто одделение.

Екскурзиите и излетите за учебната 2024/25 година се успешно реализирани.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА, РАКОВОДЕН И СТРУЧЕН КАДАР

Одделенски совет

Време на реализација	***Содржина на работа***	***Носител на активноста***
04/ 05. 11. 2024	▪ Број на состојба ▪ Реализација на материјалот (утврдување на општиот успех и поведение на учениците во првото	Директор, Стручни соработници, Наставници

	тромесечие во учебната 2024/ 2025 година ▪ Адаптација на учениците во I и VI одделение ▪ Реализација на додатна, дополнителна и слободни ученички активности ▪ Средување на педагошка документација	
16.01.2025	▪ Број на состојба ▪ Реализација на материјалот ▪ Утврдување на полугодишниот успех и поведението на учениците во I полугодие во учебната 2024/2025 година ▪ Реализација на додатна, дополнителна и слободни ученички активности ▪ Средување на педагошка документација -Е-дневници ▪ Извештаи од прегледани е-дневници ▪ Родителски средби и поделба на евидентни листи	Директор, Стручни соработници, Наставници
07.04.2025 09.04.2025	▪ Број на состојба ▪ Реализација на материјалот ▪ Утврдување на општиот по предмети и општиот успех на учениците од прво до деветто одделение на крај од третото тримесечие од учебната 2024/2025 година ▪ Средување на педагошка документација -Е-дневници ▪ Извештаи од прегледани е-дневници ▪ Родителски средби и поделба на евидентни листи ▪	Директор, Стручни соработници, Наставници
10.06.2025 13.06.2025	▪ Број на положба ▪ Реализација на материјалот ▪ Усвојување на успехот и поведението на учениците од IX одделение на крај на учебната 2024/25 година. ▪ Извештај од Комисијата за спроверената постапка за избор на првенец на генерациа 2016/2025 за учебната 2024/2025 година ▪ Средување педагошка евиденција и документација ▪ -Е-дневници ▪ -Главни книги ▪ Родителски средби-Споделување на информации на родителите за успехот на учениците на крај на учебната 2024/25 година ▪ Информации за учебниците ▪ Поделба на свидетелства	Директор, Стручни соработници, Наставници

	▪ Насоки за реализација на сите потребни активности за завршување на наставната учебна 2024/2025 година.	

Годишен извештај од одржани Наставнички совети
во период од 09.10.2024 до 13.06.2025

Наставничкиот совет е највисок стручен орган во училиштето кој води грижа за целокупната стручна и воспитно- образовна дејност во училиштето. Членови на Наставничкиот совет се сите вработени наставници, а со него раководи директорот на училиштето.

Наставничкиот совет работи по своја програма.

Задачи на Наставничкиот совет се:

- Утврдување на полугодишниот и годишниот успех на учениците
- Утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставата
- Разгледување и усвојување на извештаии, анализи, информации и сл. За постигањата на учениците во одредени периоди
- Стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар и др.

Наставничкиот совет освен планираните состаноци во Годишната програма за работа на Наставничкиот совет може да одржи состаноци кои ќе произлезат од тековните активности на училиштето.

Во периодот од 09.10.2024 заклучно со 13.06.2025 година Наставничкиот совет при ООУ „Крсте Мисирков“, Скопје одржа вкупно 20 состаноци. Во содржината што следи се наведени информации за датата и дневниот ред на оддржаните состаноци на Наставничкиот совет.

ЗАПИСНИК БР 1
ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 09.10.2024

ДНЕВЕН РЕД

1. Тековна ситуација во училиштето и информации

ЗАПИСНИК БР. 2

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 25.10.2024 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Извештај со оценка за реализација на еднодневен излет, и еднодневна екскурзија.
2. Известување за барање за префрлување на ученик

ЗАПИСНИК БР. 3

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 06.11.2024 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Усвојување на општиот успех и поведението на учениците од I-IX одделение во првото тримесечие во учебната 2024/25 година
2. Реализација на наставниот план и програма
3. Средување на педагошка евиденција и документација(е-дневник, електронски листи)
4. Родителски средби
5. Информација по повод празникот на нашиот патрон

ЗАПИСНИК БР. 4

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 11.12.2024 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Осигурување на наставниците
2. Актуелни видеа на тик-ток

ЗАПИСНИК БР. 5

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 25.12.2024 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Збирка со податоци за старателите на учениците во училиштето
2. Усогласување на критериумите за описно оценување на учениците
3. Професионален развој на наставниците

ЗАПИСНИК БР. 6

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 16.01.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Усвојување на општиот успех и поведението на учениците од I-IX одделение во првото полугодие во учебната 2024/25 година
2. Реализација на наставниот план и програма
3. Средување на педагошка евиденција и документација(е-дневник, електронски листи)
4. Родителски средби

ЗАПИСНИК БР. 7

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 20.01.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Избор на членови во училишен одбор од редот на наставниците и стручните соработници.

ЗАПИСНИК БР. 8

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 04.02.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

2. Изрекување на педагошка мерка

ЗАПИСНИК БР. 9

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 05.02.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Изрекување на педагошки мерки

ЗАПИСНИК БР. 10

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 06.02.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Изрекување на педагошки мерки

ЗАПИСНИК БР. 11

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 11.02.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Изрекување на педагошки мерки

ЗАПИСНИК БР. 12

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 12.02.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Изрекување на педагошки мерки

ЗАПИСНИК БР. 13

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 13.02.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Изрекување на педагошки мерки
2. Назначување на ментор

ЗАПИСНИК БР. 14

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 03.03.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Користење на мобилни телефони во училиште
2. Изрекување на педагошки мерки
3. Префрлување на ученик во друга паралелка

ЗАПИСНИК БР. 15

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 10.04.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Усвојување на општиот успех и поведението на учениците од I-IX одделение во третото тримесечје во учебната 2024/25 година
2. Реализација на наставниот план и програма
3. Средување на педагошка евиденција и документација (е-дневник, електронски листи)
4. Родителски средби
5. Разно (хуманитарна акција, оглас за наставник по биологија, интерна евакуација на ученици-вежба)

ЗАПИСНИК БР. 16

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 28.04.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Организација и насоки за реализирање на хуманитарен базар за настраданите во пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани.
2. Мислење на менторот за воспитно-образовната работа на наставникот- приправник Маја Карацоска

ЗАПИСНИК БР. 17

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 09.05.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Доделување на Благодарница за учество во организација на хуманитарен базар за настраданите во пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани.
2. Извештај со оценка за реализација на дводневна екскурзија со ученици од шесто одделение низ источниот дел на РС Македонија.
3. Напаствија за учениците од 9-те оделенија за упис во средно

ЗАПИСНИК БР.18

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 28.05.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Извештај од еднодневниот излет.
2. Изготвување на годишната програма за екскурзии и слободни ученички активности за учебната 2025/2026 година
3. Пополнување на Е-дневници

ЗАПИСНИК БР.19

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 10.06.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1. Усвојување на успехот и поведението на учениците од 9-то одделение во учебната 2024/25 година
2. Реализација на материјалот во учебната 2024/25 година
3. Извештај од комисијата за избор на првенец на генерацијата од учебната 2024/25 година
4. Родителски средби
5. Одделенски испит по француски јазик за ученикот Кристијан Петровски
6. Враќање и прием на учебници
7. Извештај за реализација на настава во природа со ученици од 5-то одделение

ЗАПИСНИК БР.20

ОД ОДРЖАНИОТ НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА 13.06.2025 ГОДИНА

ДНЕВЕН РЕД:

1.Усвојување на успехот и поведението на учениците од 1-во до 8-мо одделение во учебната 2024/25 година

2. Реализација на материјалот

3. Родителски средби

4. Разно (пополнување на главни книги, сведителства, е-дневник, тимови за изработка на годишна програма, платени сметки за списанија)

КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Локална заедница

Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето настојуваше постојаната динамичност на нашето училиште јавно и транспарентно да ја презентира на поширокота јавност како и целокупната работа на нашето училиште, сите залагања на учениците, наставниците и стручните соработници.

Нашето училиште беше во блиска соработка со општината при реализација на разновидни активности како што се: Примената на еколошката програма, реализација на разни собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, работилници, промоција на училишниот весник, приемот на првачиња во Детската организација, Отворени Еко-денови, Промоција на активностите од МИО-проектот со партнер училиштето „Наим Фрашери"- Тетово и ООУ „Кирил и Методиј", Стајковци- Скопје, соработката со Пакомак, соработка со Поликлиника Ченто, Советодавен центар за родители и деца - Гази Баба, Црвениот Крст на Република Македонија.

Соработка со институции од областа на културата

За поголема и поуспешна промоција на училиштето во областа на културата посебно внимание беше посветено на соработката со институциите од областа на културата меѓу кои се: музеи, театри библиотеки, ликовни колонии, кино – сали и сл.

Соработка со институции од областа на образованието

- Соработката со институции од областа на образованието беше застапена во текот на учебната 2024-2025 година преку:
- Соработка со МОН при доставување на Годишна програма на училиштето, доставување извештаи од работата на училиштето и тековна соработки при воведување и реализација на сите промени и новини кои произлегуваа од министерството.
- Соработка со БРО во согласност со потребата за унапредување и модернизација на наставата
-Соработка со Општинскиот инспектор преку консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни прослави
-Соработката со Државниот просветен инспекторат (ДПИ) преку надзорот на овој орган на државната управа на: исполнување на образовните стандарди, обезбедување на квалитет во образованието, ефективноста преку евалуација на работата на воспитно образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието
- Соработка со основните и средните училишта која се одвива во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се натпревари, размена на искуства помеѓу наставниците и сл.

Соработка со медиуми

Најголемата промоција на училиштето се врши преку официјалната web страна на училиштето: *km.edu.mk* , како и facebook страницата на училиштето, соработката со најразлични медиуми и медиумски куќи, меѓу кои: ТВ Алфа, МТВ , Интернет страната на општината Гази Баба, Интернет страната на училиштето, Дневни весници, Општински весник, Еко канцеларијата и др. институции.

Од работата на тимот за естетско уредување при ООУ „Крсте Мисирков“, за Скопје во учебната 2024/2025 година

По конституирањето на тимот за естетско уредување, тимот ги анализираше потребите и ресурсите на училиштето за наредната учебна година и изготви акционен план за работа, кој потоа е и составен дел од Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2024 / 2025 година.

Според акциониот план изготвен за учебната 2024 / 2025 година тимот за естетско уредување на училиштето изведе низа на активности кои се планирани со програмата за естетско уредување.

Во текот на месец август и септември се правеа сите подготовки за реализација на наставата во учебната 2024/2025 година .Беа уредени училниците, ходниците, холот и училниците за првачињата.

Училиштето подготвено ги дочека учениците на првиот наставен ден. Естетиката на училниците и училишниот ентериер беше на високо ниво, со комплетно залагање на сите членови на тимот и директорот.

Почетокот на учебната 2024/2025 година и приемот на првачињата беше на 2 Септември,со декорација на салата во градинката и училниците за првачињата.

Во месец октомври се реализираа активности по повод одбележување на Детската недела и детската организација.

На ден 22 ноември се одржа свечен настан патронатот на нашето училиште ООУ “Крсте Мисирков”. Од стана на членовите на тимот и одговорните беа уредени училишните холови, училниците, и училишната спортска сала.

Се украсуваа двата гола во салата и се изработија под мотото:

“Со творење и танц до ѕвездите”. Украсување на бина пред која ќе учествуваат учениците од училиштето со ритмички точки и говор на директорот на училиштето и градоначалникот на општина Гази Баба.

На почетокот на месец декември училиштето се подготвуваше за декорирање на училиштето по повод претстојните Новогодишни празници, а по 15 декември училниците, паноата пред училниците,холот и училишниот хол доби Новогодишен изглед.

Во текот на полугодишниот распуст на учениците, наставниците во училниците во кои изведуваат настава се подготвија за започнување на второто полугодие сооспособување и редекорирање на училниците со нови нагледни средства потребни за совладување на целите на наставата за второто полугодие.

По повод денот на жената 8ми Март во училишниот хол беше уредено пано со изработки од учениците.

За денот на пролетта и денот на Екологијата тимот го уреди училишниот хол со ликовни творби и еко пораки.

На 29 април во спортската сала се оддржа хуманитарен базар:

“Мали раце – големи дела “. Тимот на естетско уредување изработија бина за говор на директорот и настапување на гостите на базарот како и украсување на влезот на спортската сала.

Во месец јуни, крајот на учебната 2025 година тимот за естетско во спортската сала на училиштето изработи декорирање за прогласување на првенец на генерација во учебната 2024-2025 година и завршувањето на основното образование на полуматурантите.

Тимот на естетско уредување успешно ја заврши својата работа во текот на учебната 2024/2025 година.

Со заедничка посветеност, креативност и тимска работа, членовите на тимот активно придонесуваа за разубавување на училиштето и создавање пријатна и инспиративна средина за сите ученици и вработени. Тимот функционираше усогласено, со ентузијазам и иницијатива , работејќи на уредување на училниците, ходникот, паното, вклучувајќи ги сите значајни настани во текот на годината.

Во новата учебна година тимот продолжува со својата мисија уште поорганизирано и со нови идеи.

Годишен извештај
Од работата на тимот за манифестаии при
ООУ „Крсте Мисирков“, за Скопје во учебната 2024/2025 година

На 02.09.2024 година, тимот за манифестации организира приредба по повод прием на првачињата. Приредбата беше наменета за родители и ученици и за истата имаше однапред подготвено сценарио.

Првата точка им припадна на ритмичката група од петто одделение со песната „ Не се дише“. По нив се претстави хорот со песната „ Оj Вардаре“ и следуваше воведниот поздрав на ученичката Ева Станковска која беше во улога на водител. По поздравот група ученици од четврто одделение се претставија со рециталот „Јазикот наш македонски“, а по нив публиката уживаше во драматизацјата на учениците од 7-2 одделение кои се претставија со „Мрзелива снаа“ адаптација на македонска народна приказна. Приредбата ја затворија играорците со две македонски ора.

На 22.11.2024 година, тимот за манифестации организира приредба по повод патрониот празник на училиштето. Приредбата беше наменета за родители, гости од општината, гости од другите општински училишта, надворешни соработници. За истата имаше однапред подготвено сценарио, а се реализираше во салата „ Македонија“ во непосредна близина на училиштето.

Првата точка му припадна на хорот со„ Химната на Крсте Мисирков “, потоа се продолжисо ритмичката точка „Под ова знаме“ и рециталот„ За сите деца“. Точка број четири ја реализирање повторно хорот со песната„ Оj Вардаре“ и следуваа уште две ритмички точки „Gimme!Gimme!“ и „Нема воздух.“ Последниот дел од приредбата беше во традицинален и фолклорен дух се рецитираше „Везилка“ , се проследи приредбата „Мрзеливата Жена“ и приредбата заврши со сплет ора на фолклорната група.

На приредбата имавме двајца водители, Петар Андов и Јасмин, а исто така се обратија и директорката на училиштето Билјана Трајановска и градоначалникот Бобан Стефковски.

На 10.06.2024 година, тимот за манифестации организира приредба по повод прогласување првенец на генерацијата 2016-2025. Приредбата беше наменета за родители и ученици и за истата имаше однапред подготвено сценарио.

Настанот започна со водителката Јасмин Мирчевска од 8-2 одделение, таа го отвори настанот и ја покани директорката да се обрати на учениците и родителите. По краткото обраќање, се пушти видео со фотографии од училишните спомени на полуматурантите. Следување истакнување на континуирано одличните ученици и доделување мал подарок. На крајот се прогласи првенецот на генерацијата, Петар Андов. Приредбата заврши со доделување на пофалници на наставниците кои се истакнале со успех на општински, регионален или државен натпревар.

Во текот на наставната 2024/25 година беа предвидени посети на музеи и други културно значајни објекти, одбележување на позначајни денови, учество на ликовни и литературни конкурси. Согласно програмата за јавна и културна дејност тимот ги исполни сите предвидени активности предвидени во годишната програма (прилог 38) , со исклучок на посета на детската емисија Sвон бидејќи училиштето не беше покането од страна на МРТ.

ПРОЕКТИ НА УЧИЛИШТЕТО

Оваа учебна година проектите во кои учествува нашето училиште се во мирување во однос на реализацијата на активностите. Секој проект согласно својата програма редовно одржува онлајн состаноци со членовите и тековно се планираат и спроведуваат одредени активности. Проекти во кои учествува нашето училиште се:

- Слоу Фуд Водно„Училишна градина-училница на иднината“
- Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост во општина, „Градиме нови мостови“

Извештај

Од реализирани активности од проектот Слоу Фуд Водно„Училишна градина-училница на иднината“

Во учебната 2024/2025 година нашето училиште продолжува да работи на проектот (кампања) спроведена од градот Скопје заедно со Факултетот за земјоделски науки и храна.Нашето училиште со веќе формираниот тим за работа од наставници и ученици.Тимот за работа на проектот на Слоу Фуд Водно „Училишната градина-училница на иднината“ ќе работи со цел подобрување на квалитетот и начинот на исхрана на младата популација.Да се негува животната средина ,природните добра и богатства. Младите генерации да ја негуваат, сакаат и применуваат во секојдневниот живот. Да се надминат недостатоците при обработка, добивање на органска храна, храна за здрав и подобар живот.

Сите активности кои се изведуваа оваа учебна година се предвидени во годишната програма за работа на градината. Активностите се изведуваа навремено и според временските прилики.

Од спроведените активности кои се случија во нашето училиште

- Одгледување и одржување на градината
- Собирање на производите од градината
- Есенско чистење на градината
- Одржани работилници за здрава храна по повод 16 – Октомври Светскиот ден за здрава храна на ниво на одделенска настава
- Учество на Конференција 2: „Едукација за одржлива иднина“

Спроведувач - Тим за едукација на Слоу Фуд Македонија

- Апликација за доградба на градината за деца со попреченост- инклузивна граднина - подигнати садници – во соработка со Слоу Фуд Водно и ДМ продавниците (претставник од Слоу Фуд –претседател Василка Стефановска и соработник Мерита Кули)
- Чистење , прекопување, обработка, подготовка за пролетно садење во градината;
- Засадување на сезонски зеленчуци во и надвор од училишната градина;
- Негување на засадените растенија;
- Плевење и прашење ;
- Наводнување постојано по потреба ;

Надгледување и следење на растенијата во градината;

Извештај
за реализирани актвности од проектот на
Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем
Учебна 2024/25год.

ООУ "Крсте Мисирков” се наоѓа во мултиетничка средина и во него целокупниот воспитно – образовен процес го следат ученици од различни етникуми. Училиштето е вклучено во проектот за Меѓуетничка итеграција во македонскиот образовен систем од учебната 2013/2014 година. Активностите за проектот се опфатени и во Годишната програма на училиштето.

Во таа насока склучено е партнерство со друго мултиетничко училиште ООУ „Кирил и Методиј “-Страчинци и ООУ „Наим Фрашери“, Тетово. Оваа учебна година нашето училиште го зема во предвид мултикултурниот карактер на општеството и се стреми активно да придонесе за мирен соживот и позитивна интеракција помеѓу различните културни групи. Иако наставата се одвива на македонски наставен јазик, сепак застапени се ученици од други културни и јазични заедници: Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци и други. Интензивно и масовно работиме на самостојните активности со мултикултурно образование преку учење за другите култури, поттикнуваме прифаќање и толеранција на разликите. Тоа се случува и во редовната настава и во воннаставните активности (преку работилници и преку подготовка на визуелен материјал во холовите кој го отсликува мултикултурниот карактер на нашата

држава).За таа цел реализиравме активност во рамките на редовната настава меѓу учениците. Сите твореа на тема „Кирил и Методиј нашите просветители“. Во текот на активноста тие меѓусебно се договараа, си помагаа, се дружеа. Активноста беше реализирана со ученици од сите етнички групи и различна полова припадност.

Реализирани активности од страна на стручен соработник - педагог

Според годишната програма за работа на училишниот педагог во учебната 2024/2025 година, ги реализираше следниве работни задачи:

1.Работа со ученици

- Учество во комисијата за запишување на ученици во училиште (прво одделение)
- Спроведување на постапката за запишување на ученици;
- Помош на ученици со емоционални проблеми;
- Прибирање податоци за личниот и социјалниот развој на учениците;
- Прибирање информации за учењето и однесувањето на учениците;
- Превентивни активнсти за физичкото и менталното здравје, превенција од насилно и асоцијално однесувње, дискриминација;
- Интервенирање при несоодветно однесување на ученици.

2. Работа со наставници

-Состанок за анализа и примена на компетенциите за работата на наставникот;

- Известување за новини во законите и наставните планови и програми;

-Состанок за соодветно планирање според нови програми;

- Следење на наставата од различни аспекти: ИКТ во наставата, животни вештини, планирање и реализирање на часови начинот на планирање, примена на нови програми

- Увид во планирањата за настава и консултации со наставниците за подобрување на истите;

- Набљудување на однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одмор;

- Индивидуални консултации со наставници за создавање стимулативна средина за учење;

-Состаноци за подобрување на оценувањето (повратната информација од родителите);

- Насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (тешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми, надарени ученици и слично);

- Запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици;

- Запознавање на наставниците со различни начини на кои учениците учат;

- Давање стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно;

- Помош на наставникот во справување со и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците.

3. Работа со родители

-Информирање на родителите за учењето и однесувањето на ученикот;

-Информирање на родителите да препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и ги советува како да реагираат во одредени ситуации;

- Информирање на родителите за услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците.

4. Соработка со заедницата

- Планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата;
- Презентирање и промовирање на работата на училиштето;
- Информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето;
- Учество во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница;
- Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институциите за решавање на одреден проблем;
- Соработка со училиштата од реонот и пошироко;
- Соработка со институции во рамките на Министерството за образование и наука: БРО, ДИЦ, ДПИ, одделот за ХРМ и ЕМИС.

5. Професионален развој и професионална соработка

- Планирање, водење евиденција и докази за сопствениот професионален развој;
- Следење стручна литература и информации од значење за образованието и воспитувањето;
- Учество во различни активности на професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми:
- Учество во работата на тимот за професионален развој во училиштето;
- Помош на стручните активи во подготовка и реализација на одделни содржини од нивната работа;
- Споделување стручни материјали со наставниците;
- Упатување на наставниците за користење различни ресурси за осовременување на наставниот процес;
- Водење документација за професионалниот развој на наставниците: наставничко досие; педагошки картон.

6. Аналитичко – истражувачка работа

- Анализа и извештаи за состојбите во различни области од воспитно-образовната работа;
- Истражување на прашања актуелни за училиштето;
- Истражување, следење и предвидување на читачките способности на учениците во прво или второ одделение;
- Анализа на состојбата со комбинираните паралелки;
- Анализа на учебниците.

7. Училишна структура, организација и клима

- Учество во изработката на Годишна програма за работа на училиштето;
- Учество во организацијата на работата во училиштето;
- Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето;
- Водење евиденција за работата со учениците и родителите;
- Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предложување мерки за подобрување;

- Следење на наставните и воннаставните активности, анализа на сознанијата и предложување мерки релевантни за целото училиште.

Реализирани активности од страна на стручен соработник – психолог

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот, од предвидените содржини и активности за учебната 2024/2025 година се реализирани следните активности:

- Планирање и подготовка на работата на психологот
- Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште
- Советодавна работа со учениците

-советодавно-инструктивна работа со учениците со три и повеќе слаби оценки, емоционални потешкотии и несоодветно однесување, кои изостануваат од наставата како и со учениците од семејства со социјален ризик

-евиденција од работата со овие ученици, наставниците и нивните родители

-Работилници со учениците за препознавање и дефинирање на насилството

- Работа со ученици со посебни образовни потреби
- Работа со ученици со потешкотии во учењето, прилагодувањето и однесувањето

-помош и поддршка на наставниците при откривање на ученици со потешкотии во учењето (деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат, деца со емоционални проблеми и слаба мотивација, како и деца со проблеми во однесувањето)

-советодавна работа со овие ученици и нивните родители и евиденција на истата

- Запишување на учениците и формирање паралелки
- Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните содржини

-следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети, пол и етничка припадност на крајот на првото тримесечие и првото полугодие и крај на учебната година

-помош и поддршка на наставниците при планирање на додатна и дополнителна настава и слободни ученички активности

-следење на изрекување педагошки мерки за учениците

-учество во евидентирањето на освоените места и награди на учениците и учество на општински, регионални и републички натпревари

- Работа на професионална информација и ориентација на учениците
- Работа на професионалниот развој на образовниот кадар
- Соработка со родителите

-индивидуална и групна советодавна работа со родителите

-реализирање на програмата за советување на родителите

-изготвување на месечен и неделен план за советување на родителите, пополнување обрасци за работа, како и записници од секое советување

- Соработка со наставници

-помош и поддршка при изготвување на годишните и тематски планирања на наставниците

-инструктивно консултативни разговори со наставниците во врска со планирани методи на формативно оценување, како и водење рефлексивни забелешки во дневните подготовки

-посета на часови, инструменти за посета на час и евалуација на дневните подготовки

-консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови

-педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците

- Соработка со стручни органи
- Аналитичко истражувачка работа

-изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди

-изготвување на извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава

-изготвување на извештај од одделенските совети

-учество во изготвување на годишниот извештај за работата на училиштето

-изготвување на годишен извештај за сопствената работа

- Педагошка евиденција и документација

-редовно водење на сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа, изготвување оперативни програми за работа, евиденција од педагошко инструкривна и советодавна работата со наставници, родители и ученици, соработка со локална средина, документација од анлитичко истражувачка работа)

-водење на педагошки картон за работата на наставниците

-учество во водење на професионално досие на наставниците

-поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата (внесување на потребни податоци во педагошки картон)

- Поддршка во планирање и реализирање на одделенски часови од Животни вештини и почитување
- Соработка со локална заедница и други институции
- Соработка со МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија, Советодавен центар за родители и деца Гази Баба, социјални патролни работници од Меѓуопштински центар за социјална работа, општина Гази Баба, Институт за психологија, Детска градинка „25 Мај”, основни и средни училишта од општина Гази Баба, Црвениот Крст на Република Македонија.
- Лично и стручно усовршување

Годишен извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор во учебна 2024/2025 година

Ред.бр.	Реализирана активност	Реализатор	Време	Ресурси	Постигнати цели
1.	Изработување на сопствена годишна програма за учебната 2025/26 година	Дефектолог	Јули 2025г	Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма	Изработена годишна програма
2.	Изработување на годишна програма за работа на инклузивен	Тим за инклузија	јули 2025г	Прибирање на релевантни податоци потребни	Изработена годишна програма;

	тим			за изработка на годишната програма за работа на инклузивен тим	-подобрена инклузија
3.	Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето	Тимот за изработка	јули 2025	Годишни програми од претходни учебни години, годишен извештај	Изработка на годишна програма
4.	Подготвување на педагошка документација и евиденција	Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија, Родители, Наставници	Континуирано	-разговор -прашалници -опсервација	Изработен ИОП, -следење на напредокот и постигнувањата на учениците со поп
5.	Идентификување на ученици со попреченост	Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија	Мај септември	опсервација -разговор,	- идентификување на ученици со ПОП
6.	Адаптирање на нови ученици(Помош на учениците од прво одделение во адаптирање на училишната средина)	Дефектолог стручна служба, Тим за инклузија	Континуирано	опсервација -разговор	брзо прилагодување во училишната средина и полесна комуникација
7.	Дефектолошка дијагностика на ученици со ПП(проценување на индивидуалните способности и потенцијали - изработување на ИОП со примена на диференциран пристап)	Дефектолог	Континуирано	модели на ИОП -аналитички листови -стручна литература	-процена на индивидуалните потенцијал -правилно дефинирање на целите за изработка на ИОП
8.	Индивидуална работа со учениците со ПП и потешкотии во учењето(вежби за реедукација на психомоторика, -вежби за говорно-јазична оспособеност (дислалија,дислексија, дизграфија) -дискалкулија -вежби за внимание и концентрација -примена на целите содржани во ИОП,артикулационен тест -диференциран пристап	Дефектолог	континуирано	-ИОП -обрасци за следење на ученикот со пп и потешкотии во учењето	подобрување на психомоторните способности, -подобар успех во усвојување на наставните содржини
9.	Инструктивно-советодавна работа со наставниците на	Дефектолог стручна служба,	континуирано	Стручна литература	Запознавање и примена на специфичните

	учениците со попреченост и потешкотии во учењето	Тим за инклузија			методи на работа со учениците со пп
10.	Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), Општина Гази Баба,	Дефектолог	континуирано	консултации прирачници брошури	размена на искуства
11.	Учество во Ученички парламент	Тим за ученичко учество и организација, Стручни соработници, ученици од ученичка заедница	Во текот на учбната година	Презентации,разговор,правилници	Продлабочување на соработката со учениците,учениците се запознаваат со своите права и запознавање со облиците на насилно однесување и препознавање на истото.
12.	Учество во комисија за запишување на ученици во прво одделение	Директор стручна служба	Мај	Процедура за запишување на ученици Инструменти за упис Нагледен материјал	Евидентни листи Список на запишани првачиња
13.	Соработка со основните училишта од Општина Гази Баба и пошироко	Директор Стручни соработници Наставници	континуирано	Размена на сознанија и информации значајни за работата	Евиденција од соработка со локалната заедница
14.	Учество на работилници,следење на обуки, семинари, вебинари преку алатките Teams, ZOOM	Стручни соработници	континуирано	Унапредување на воспитно-образовниот процес Перманентно стручно усовршување	Сертификати Извештаи Покани
15.	Увид и анализа во среднорочниот ИОП	Стручни соработници Наставници	континуирано	среднорочниот ИОП, наставни листови,забелешки,тестови	Исходи од среднорочни планирања
16.	Следење и вреднување на наставниот процес-посета на часови во паралелки каде има ученик со ПОП	Директор Психолог Педагог	октомври декември февруари април	Дневник на паралелка, дневни планирања со диференцирани цели ,активности	Формулар за увид во дневно планирање и посета на час
17.	Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијата, напредокот и постигањата на учениците со ПОП	Психолог Педагог Наставници	континуирано	Евидентни листи за следење на развојот на ученикот Евидентни листи за постигањата Индивидуални образовни	Ревизија на Долгорочните и среднорочните планирања-увид во постигањата на ученикот Евиденција од посета на часови

				планови	и остварени консултации
18.	Давање поддршка и инструкции на родителите на учениците со ПОП	Родители Наставници	континуирано	Прирачници за работа со ученици со ПОП	Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители
19.	Упатување на родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми	Стручни соработници Родители	континуирано	Павилници за рабта Процедури Пружање на навремена и соодветна помош за надминување на проблемот	Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители
20.	Соработка со ресурсен центар	Дефектолог ПОУ со ресурсен центар ,,Иднина ,,	континуирано	Акциски план,консултации, состаноци,обуки, побарување и обезбедување асистенти	Успешна соработка ,обезбедени асистенти
21.	Соработка со образовни асистенти	Тимови за инклузија Образовни асистенти	континуирано	Консултации,насоки,записници,заеднички активности	Успешна соработка со образовни асистенти и членови на инклузивни тимови
22.	Професионална ориентација на ученици со пп	Училишен инклузивен тим	Мај 2025	Презентации од средни училишта за кои пројавиле интерес	Правилно насочување и правилен избор на средно образование согласно можностите на ученикот
23.	Реализирање на активности од општинскиот проект „Спортот не познава граници“	Координатор на проектот Наставници вклучени во проектот Ученици со атипичен развој	Во тек на учебна година		унапредување на знаењата и партиципирање во активности со цел стимулирање на физичкиот и социо-емоционален развој преку игра

Реализирани активности од страна на библиотекар

Во текот на учебната 2024/2025 год. беа реализирани сите активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;

3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварените поставените цели:

- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;
- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексиконии и друг информативен материјал;
- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;
- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;
- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;
- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

Време на реализација	**Реализирани задачи и активности**
АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ	1. Уредување на библиотеката. Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година. 2. Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН-потпечатување и делење на новодобиените учебници 3. Формирање на нова библиотекарска секција со ученици од 6 и 7 одделеие. 4. Активности со учениците од библиотекарската секција 5. Одбележување на празникот 8 Септември 6. Уредување на инвентарна книга и подготовка за Електронска библиотека 7. Припреми за учество на натпреварот „Млади библиотекари“ во Градска библиотека „Браќа Миладиновци“
ОКТОМВРИ	1. Одбележување на празникот 11 Октомври 2. Учество на натпреварот „Млади библиотекари“ во Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ 3. Средба со библиотекарите од др.училишта на ниво на град Скопје 4. Одбележување на празникот 23 Октомври 5. Активности со учениците од библиотекарската секција. 6. Документација за акцијата со бесплатните учебници од МОН.

	7. Инвентарна книга – библиотечна дејност, уредување. 8. Одбележување на месецот на книгата со литературно читање на ученички творби 9. Уредување на библ.пано со ученички творби по повод месецот на книгата
НОЕМВРИ	1. Одбележување на роденденот на нашата општина Гази Баба 2. Збогатување на книжниот фонд-нарачка на стручна литература (атласи,енциклопедии,глобус,хамери)од П.Дело 3. Посета на библиотеката од првачињата со нивните наставнички 4. Уредување и класификација на учебниците од акцијата на МОН – магацин. 5.Документација за библиотекарство и библиотечна дејност. 6.Активности со учениците од библиотекарската секција
ДЕКЕМВРИ	1.Уредување на картотеката на членови во училишната библиотека. 2.Библиотекарска секција – часови по библиотекарство и креативни активности. 3. Посета на библиотеката од шестооделенците со нивната наставничка 4. Одбележување на празникот Св.Климент Охридски 5. Изготвување на полугодишен извештај 6. Новогодишни активности со членовите од секцијата 7. Попис на библиотечниот фонд и отпис на оштетени и нецелосни книги.
ЈАНУАРИ- ФЕВРУАРИ	1.Посета на учениците од 3 одд.на училишн.библиотека-разговор за задачите на библиотеката и библ.секција 2.Активности со учениците од библиотекарската секција
МАРТ	1. Развоен план за библиотеката – приоритети, можности за надополнување на книжниот фонд 2. Одбележување на празникот 8 Март-избор на најубава песна за мајката 3. Одбележување на доаѓањето на пролетта со ученички литературни и ликовни творби 4. Уредување на магацинот со учебници и пресметки за тековните електронски апликации и нарачка на бесплатните учебници од МОН. 5. Библиотекарска секција – часови за библиотекарството и учење на стандардните класификации.

АПРИЛ	1. Почеток на акцијата со бесплатните учебници од МОН. 2. Одбележување на светскиот ден на детската книга 2 Април-активности со првачињата 3. Донирање на лектирни изданија од ученици 4. Активности и работилници со ученици од 4 одд. по повод денот на книгата-23 Април –„Прочитав јас-прочитај и ти“ 5. Награден литературен конкурс на темата „Книга“ 6. Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека. 7.Активности со учениците од библиотекарската секција
МАЈ	1. Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН. 2. Активности со учениците од библиотекарската секција 3. ИКТ- во класификацијата на книжниот фонд, стручна обработка и електронско внесување на книгите од училишната програма според стандардизирани правилници за библиотеки.
ЈУНИ-ЈУЛИ	1. Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање, комисија за учебници, отпис на оштетени и плаќање на изгубените учебници. 2. Раздолжување на книгите од страна на членовите на училишната библиотека. 3. Доделување на дипломи и книги за најзаслужните ученици од училиштето 4. Издавање на комплет-лектири за летниот распуст на учениците од 1 до 9 одделение. 5. Класификација на документација за библиотеки и библиотечно работење. 6. Уредување на библиотеката, чистење и заштита на книгите.

На крајот на учебната 2024/2025год според пописот бројната состојба на книжниот фонд со кој располага нашата библиотека е следнава:

<u>вкупно 13950 примероци</u> од кои

-1587 се стручна литература

-75 сликовници,

-205 земени од наставници,

-105 во канцеларија,

-40 книги за награда на ученици

-42 вретени од ученици незаведени

-142 должат ученици

-10 нови лектири

Дел од фондот повеќе не е во употреба поради големата оштетеност од влага.

Од горенаведените **9346 се наслови на лектири од одделенска настава и 2398 предметна** .Дел од нив се нови, а дел се постари но сеуште се во употреба.Освен наведените има и други лектири кои се многу оштетени и не се за упоптреба.

Во месец ноември го збогативме училишниот фонд со стручна литература (атласи,енциклопедии,глобус,хамери) од П.Дело.

Библиотеката е подредена по азбучен ред,лектири по одд,странски и домашни автори,проза и поезија,белетристика и стручна литература.

Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно. Членовите учествуваа на конкурси,натпревари,организираа литературни читања,посетуваа саеми и др.библиотеки и помагаа околу грижата за книжниот фонд во библиотеката.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„Крсте Мисирков” - Скопје
Тел. 02/2522-398, фах. 02/2527-220
e-mail:kmisirkov@hotmail.com

ГОДИШЕН СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето во
учебната 2024/2025 година

Ученици 2024/2025

Одд.	Број на ученици според пол и етничка припадност																								Вкупно		
	Македонци			Срби			Роми			Власи			Бошњаци			Албанци			Турци			Друго					
	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк
I	15	28	43	2	0	2							3	1	4	1	2	3	1	0	1				22	31	53
II	31	19	50										1	2	3	1	0	1							33	21	54
III	14	25	39										2	1	3	0	2	2	1	0	1				17	28	45
I-III	60	72	132	2	0	2							6	4	10	2	4	6	2	0	2				72	80	152
IV	27	23	50										2	4	6	0	2	2							29	29	58
V	27	27	54				0	1	1				4	0	4				2	0	2				33	28	61
VI	26	20	46	1	0	1	2	0	2				1	2	3	0	1	1							30	23	53
IV-VI	80	69	149	1	0	1	2	1	3				7	6	13	0	3	3	2	0	2				92	80	172
VII	23	26	49				2	0	2				4	1	5	0	1	1							29	28	57
VIII	21	28	49										4	2	6	0	1	1	1	0	1				26	31	57
IX	29	28	57				0	1	1	0	1	1	1	1	2	0	1	1							30	32	62
VII-IX	73	82	155				2	1	3	0	1	1	9	4	13	0	3	3	1	0	1				85	91	176
I-V	114	122	236	2	0	2	0	1	1				12	8	20	2	6	8	4	0	3				134	137	271
VI-IX	99	101	200	1	1	2	4	1	5	0	1	1	10	6	16	0	4	4	1	0	1				115	114	229
I-IX	214	223	437	3	1	4	4	2	6	0	1	1	22	14	36	2	10	12	5	0	4				**249**	**251**	**500**

ПРЕГЛЕД

на учениците на крај во учебната 2024/2025 година

Одделение	Македонски јазик		Албански јазик		Турски јазик		Српски јазик		Вкупно
	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	
I	22	31							53
II	33	21							54
III	17	28							45
IV	29	29							58
V	33	28							61
I-V	**134**	**137**							**271**
VI	30	23							53
VII	29	28							57
VIII	26	31							57
IX	30	32							62
VI-IX	**115**	**114**							**229**
I-IX	**249**	**251**							**500**

ПРЕГЛЕД

на вкупниот број ученици во чисти паралелки и број на паралелки на крај на учебната 2024/2025 година во настава со македонски наставен јазик

Училиште	Ученици и број на паралелки																							
	I		II		III		IV		V		**I-V**		VI		VII		VIII		IX		**VI-IX**		**I-IX**	
	П	У	П	У	П	У	П	У	П	У	**П**	**У**	П	У	П	У	П	У	П	У	**П**	**У**	**П**	**У**
Централни I-IX	3	53	3	48	3	44	3	57	4	61	**16**	**263**	3	53	3	57	3	57	3	62	**12**	**229**	**28**	**492**
Подрачни I - IX	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	**/**	**/**	/	/	/	/	/	/	/	/	**/**	**/**	**/**	**/**
Подрачни I-IV	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	**/**	**/**	/	/	/	/	/	/	/	/	**/**	**/**	**/**	**/**
Вкупно	3	53	3	48	3	44	3	57	4	61	**16**	**263**	3	53	/	/	/	/	/	/	**12**	**229**	**28**	**492**

ПРЕГЛЕД

на вкупниот број ученици во комбинирани паралелки, вид и број на паралелки на крај на учебната 2024/2025 во настава со македонски наставен јазик

Училиште	Ученици и паралелки по одделенија															I-VIII
	Ком. I-II			Ком. III -IV			Ком. I-IV			Ком. V-VII			Ком. VI-IX			
	I	II	ВК	III	IV	ВК	I	IV	ВК	V	VII	ВК	VI	VII	ВК	ВК
Централни I-IX	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Подрачни I – IX	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Подрачни I-IV Комбинирани	0	6	6	1	1	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/	8
Вкупно	0	6	6	1	1	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/	8

ПРЕГЛЕД

на вкупен број на наставен кадар на крај на учебната 2024/2025 година

Наставен кадар по наставни јазици	Одделенска настава					Предметна настава					Вкупно
	Проф	Наст	Учит	Неоф. обр.	Вк.	Проф	Наст	Учит	Неоф. обр.	Вк.	
Македонски јазик	/	20	/	/	20	/	29	/	/	29	49
Албански јазик	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Турски јазик	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Српски јазик	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
ВКУПНО	**/**	**20**	**/**	**/**	**20**	**/**	**29**	**/**	**/**	**29**	**49**

ПРЕГЛЕД

на раководниот и стручниот кадар на крај на учебната 2024/2025 година

Работно место	Завршено образование		Вкупен работен стаж	Работно искуство како директор, заменик и помошник на директор, педагог, психолог
	ВСС	**ВС**		
Директор	ВСС	/	24 години 4 месеци	10 месеци
Заменик на директор	/	/	/	/
Помошник на директор	/	/	/	/
Педагог	ВСС	/	16 години 1 месеци	16 години 1 месеци
Психолог	ВСС	/	13 год.	13 год.
Дефектолог	ВСС		9 год.	9 год.
Библиотекар	ВСС	/	25 години 1 месеци	25 години 1 месеци

ПРЕГЛЕД

на изостаноците на учениците на крај на
учебната 2024/2025 година

Наставен јазик	**Паралелка**	**I**	**II**	**III**	**IV**	**V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**	**Вкупно**
Македонски јазик	оправдани	2229	1490	1162	2152	2099	2205	1075	2527	3237	18176
	неоправдани	/	/	/	6	2	4	12	3	84	111
	вкупно	2229	1490	1162	2158	2101	2209	1087	2530	3321	18287
Албански јазик	оправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	неоправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	вкупно	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Турски Јазик	оправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	неоправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	вкупно	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Српски јазик	оправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	неоправдани	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	вкупно	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

ПРЕГЛЕД

на испишани и неоценети учениците на крај на
учебната 2024/2025 година

Паралелка	**I**	**II**	**III**	**IV**	**V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**	**Вкупно**
Испишани	2	2	3	2	1	4	1	/	/	15
Неоценети	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Вкупно	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

ПРЕГЛЕД

на поведението на учениците на крај учебната 2024/2025 година

Паралелка	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Вкупно
Примерно	53	54	45	58	61	53	57	57	62	500
Добро	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
незадоволнително	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
неоценети	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

ПРЕГЛЕД

на бројот на учениците со продолжен престој на крај на учебната 2024/2025 година

Паралелка	Целодневен престој			Дневен престој		
	групи	ученици	Наставници	Групи	Ученици	наставници
Македонски	/	/	/	2	54	2
Албански	/	/	/	/	/	/
Турски	/	/	/	/	/	/
Српски	/	/	/	/	/	/

ПРЕГЛЕД

на бројот на учениците кои користат исхрана на крај на учебната 2024/2025 година

Наставен јазик	Исхрана во училишна кујна	Друг вид на организирана исхрана	Самоиницијативно од учениците
Македонски	/	/	/

С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

Предлагач: Градоначалник на Општина Гази Баба

Изготвувач: ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје

Претставник: директор, Александра Димитриевска

ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "КРУМ ТОШЕВ" - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

СКОПЈЕ, АВГУСТ 2025 ГОДИНА

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "КРУМ ТОШЕВ" - ТРУБАРЕВО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-460/2 од 10.07.2025 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број _____
од __.__.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
м-р Сашо Кукески

Училишниот одбор на ООУ „Крум Тошев“ – Трубарево, Скопје на својата редовна седница одржана на ден 10.07.2025 година, а согласно своите законски права и обврски ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРУМ ТОШЕВ
Бр. 02-460/2
10.07.2025 год.
ТРУБАРЕВО - СКОПЈЕ

ОДЛУКА

за усвојување на Годишен извештај

за работа на ООУ „Крум Тошев“ – Трубарево, Скопје

во учебната 2024-2025 година

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование во РСМ (Сл. весник бр. 161/2019, 229/2020, 03/2025, 74/2025), член 25 од Статутот на ООУ „Крум Тошев“ – Трубарево, Скопје , Училишниот одбор на ООУ „ Крум Тошев “- Трубарево, Скопје на својата редовна седница одржана на ден 10.07.2025г. година го разгледа и едногласно го усвои Годишнниот извештај за работа на ова училиште за учебната 2024-2025 година.

Училишниот одбор го задолжува директорот потребен број примероци од Годишниот извештај за работа на ООУ „ Крум Тошев “- Трубарево, Скопје во учебната 2024-2025 година да достави до:

Подрачна единица општина Гази Баба

Совет на општина Гази Баба

Скопје, 10.07.2025 год.

Претседател на Училишен одбор

на ООУ Крум Тошев – Трубарево, Скопје

Жаклина Кимовска

Адреса: ул.2 бр.19 – Трубарево, Скопје
Тел:++389(02)2557- 443
E-mail: krumtosev@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КРУМ ТОШЕВ
Бр. 03-444/1
07.07.2025 год.
ТРУБАРЕВО - СКОПЈЕ

ООУ„КРУМ ТОШЕВ”- СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето во учебната 2024/25 година

Директор
Александра Димитриевска

Скопје, јули 2025 г.

Адреса: ул.2 бр.19 – Трубарево, Скопје
Тел:++389(02)2557- 443
E-mail: krumtosev@yahoo.com

ООУ„КРУМ ТОШЕВ”- СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето во учебната 2024/25 година

Директор
Александра Димитриевска

Скопје, јули 2025 г.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ
ООУ „КРУМ ТОШЕВ”- ТРУБАРЕВО

Општинско Основно Училиште	Крум Тошев
Општина	Гази Баба
Адреса	ул „2” бр.19 – Трубарево, 1000 Скопје
Телефон/факс	02/2557-443
Е-маил	krumtosev@yahoo.com
Директор	Александра Димитриевска
Кратка биографија на училиштето	ООУ „Крум Тошев” е изградено во 1959 година и работи како подрачно училиште на ОУ„Вера Јоциќ”, а од 1986/87 год. како самостојно основно училиште. Во периодот од 1959 год. до денес е на неколку пати проширувано и доградувано. Училишната зграда е лоцирана во централниот дел на н.м. Трубарево и претставува современ градежен објект од тврда градба која наполно одговара на својата намена. Функцијата како современ објект ја надополнуваат новоизградената спортска сала, спортскиот терен и уредените зелени површини. Реонот на Општинското основно училиште „Крум Тошев”, ја опфаќа територијата на н.м. Трубарево, н.м. Ергеле и дел од н.м. Скопско поле.Училиштето располага со 1040м^2 училишен простор и 3000м^2 училишен двор .Во училиштето учат 312 ученика распоредени во 18 паралелки и има вкупно 41 вработен. Наставата се изведува во две смени.
Верификација на училиштето	Училиштето е верифицирано со акт бр. 14-2877 од 02.06.1987 год., издаден од Собранито на Општина Гази Баба
Дејност на училиштето	Воспитно-образовен процес во основно образование. Наставата и педагошката евиденција и документација се води на македонски јазик со кирилско писмо.
Патронен празник	29 Февруари

СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2024/25 година ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната воспитно-образовна дејност.

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на училиштето и ќе му користи во неговата понатамошна работа. Извештајот претставува документ кој ги содржи сите битни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа во учебната 2024/2025 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници, наставниците и учениците) во остварувањето на дејноста на училиштето. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно-образовниот процес, се потрудивме овој извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации. Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во годишната програма за работа и во главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови за работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родителите и локалната средина, со локалната самоуправа и другите институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, остварувањето на интерни и екстерни проекти и др.

УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТЕШЕ УЧИЛИШТЕТО

ООУ “Крум Тошев”- Трубарево е самостојно деветгодишно основно училиште кое ги опфаќа училишните обврзници од н.м. Трубарево, н.м. Ергеле и делумно од н.м. Скопско Поле. Спаѓа во редот на средно опремено, мало училиште. Училиштето е во тврда градба. Составено од 2 дела (стар и нов објект), кои взаемно се поврзани и прават една целина. Располага со 1040 м2 внатрешна корисна површина и 5000м2 дворна површина од која 3000м2 е уреден училишен парк. Пред почетокот на учебната година беа направени сите потребни подготовки за успешен почеток на учебната година. Училиштето и спортската сала во склоп на училиштето располагаат со сопствено парно греење. Од спортски објекти училиштето располага со 1 (едно) мало мултифункционално спортско игралиште и училишна спортска сала од најмодерен тип со комплетна опрема за овој тип на сали. Во текот на оваа учебна година постојано се вложуваше во подобрување на условите за престој, учење и работа во училиштето, обезбедени се наставни средства и помагала според потребите и интересите на учениците, изграден е парк, зелена површина, хортикултурно уредување како и мало игралиште за деца во здниот дел од дворот на училиштето.

НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната дејност во училиштето ја остваруваат 32 наставника. Образовната структура на кадарот одговара на законските и програмските барања. Во одделенска настава, наставата ја изведуваат 10 одделенски наставници и 1 наставник во дневен престој. Во реализацијата на наставата оваа учебна година се вклучени 2 наставника по англиски јазик и 2 наставника по физичко и здравствено образование , а во петто одделение наставата ја изведуваат 2 предметни наставници по природни науки и 1 наставник по техничко образование.

Во предметна настава сите наставни предмети се застапени според наставниот план и програма и се реализираат од 18 наставника. Овие наставници ги реализираат сите задолжителни и изборни предмети во училиштето како и слободните ученички активности.

Наставниците континуирано ги следат сите промени во воспитно образовната работа, преку посета на семинари и самостојно усовршување. Во изминатата учебна година голем дел од наставниците се стекнаа со сертификати, потврди и дипломи за учество на разни семинари, работилници и натпревари со што се збогати нивното професионално досие.

ПРЕГЛЕД НА НАСТАВЕН КАДАР – ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА					
Бр.	**Работно место**	**Образование**	**Одд.**	**Бр. На часови**	**Име и презиме**
1.	Одд. наставник	ВСС	**I¹**	20+2	СузанаТрајковска
2.	Одд. наставник	ВСС	**I²**	20+2	ГабриелаБурјаковска
3.	Одд. наставник	ВСС	**II¹**	20+2	Фанка Каралиева
4.	Одд. наставник	ВСС	**II²**	20+2	Елени Никодиновска
5.	Одд. наставник	ВШС	**III¹**	20+2	Весна Петковиќ
6.	Одд. наставник	ВСС	**III²**	20+2	Гордана Стојановска
7.	Одд. наставник	ВСС	**IV¹**	22+3	Билјана Димитриевска
8.	Одд. наставник	ВСС	**IV²**	22+3	Благица Тодевска
9.	Одд. наставник	ВШС	**V¹**	20+7	Гордана Јакимовска
10.	Одд. наставник	ВСС	**V²**	20+7	Јулијана Станковска Колевска
11.	Дневенпрестој	ВСС	**I- III**	/	Емилија Петковска

ПРЕГЛЕД НА НАСТАВЕН КАДАР – ПРЕДМЕТНА НАСТАВА							
Р. бр.	**Вк. часа**	**Работно место/ предм.**	**Мат. учил.**	**Образование**	**Одделенија во кои предава**	**Одд. раков.**	**Име и презиме**
1.	20 +1	Музичко образование Музички жанрови Прва помош Вештини на живеење Оркестар/ Хор	√	ВСС	VI/1, VI/2, VII/1, VII/2, VIII/1,VIII/2, IX/1, IX/2	**7-1**	Бојан Станковиќ
2.	20	Македонски јазик	√	ВСС	VI/1, VI/2, VII/1, IX/1, IX/2	**/**	Марија Лозаноска
3.	20+1	Математика	√	ВСС	VII/1, VIII/1, VIII/2, IX/1, IX/2	**9-2**	Ирена К. Младеновска
4.	14+1(8)	Географија Историја и општество	√	ВСС	VI/1,VI/2, VII/1, VII/2, VIII/1,VIII/2,IX/1, IX/2	**7-2**	Анета Серафимова – Николовска
5.	20+1	Биологија Природни науки	/	ВСС	VI/1, VI/2,VII/1, VII/2, VIII/1,VIII/2, IX/1, IX/2,	**9-1**	Валентина Манева
6.	22	Математика Физика	√	ВСС	VI1,VI2, VII2,VIII/1,VIII/2, IX/1, IX/2	**/**	Росица Тодоровска
7.	4 (16)	Македонски јазик	√	ВСС	VII/2	**/**	Зорица Димитриевска Пршевска
8.	24	Физичко и здравствено образование	√	ВСС	VI/1, VI/2 VII/1, VII/2, VIII/1,VIII/2, IX/1,IX/2	**/**	Мартина Николова
9.	20(3 EMIS)+1	Историја Историја и општество Граѓанско образование	√	ВСС	VI/1, VI/2, VII/1, VII/2, VIII/1,VIII/2, IX/1, IX/2	**6-1**	Гоце Петровски
10	10 (10)	Хемија Природни науки	/	ВШС	VIII/1, VIII/2, IX/1, IX/2, V/2	**/**	Весна Рабан
11	16(4)	Француски јазик	√	ВСС	VI/1, VI/2, VII/1, VII/2,VIII/1, VIII/2,IX/1, IX/2	**8-1**	Каролина Димовска

12	21+1	Англиски јазик	√	ВСС	VI/1, VII/1, VII/2, VIII/1, VIII/2, IX/1, IX/2,	**6-2**	Матеа Цветковски
13.	12+1(8)	, Техничко образование и информатика Информатика Проекти по информатика Вештини на живеење	√	ВСС	VI/1, VI/2, VII/1, VII/2, VIII/1, VIII/2, IX/2	**8-2**	Филип Ацевски
14.	10 (10)	Ликовно образование Иновации	√	ВСС	VI/1, VI/2, VII/1, VII/2, VIII/1,VIII/2, IX/1, IX/2	**/**	Јулија Никовска Пешевска
15.	4 (8)	Етика на религии Мултикултурни Работилници	√	ВСС	VI/1,VI/2	**/**	Петар Ристовски
16	2 (18)	Етика	/	ВСС	VII/1,VII/2	**/**	Радица Цветковска Петковска
17	8 (12)	Македонски јазик	/	ВСС	VIII/1,VIII/2	/	Марина Димовска
18	20	Англиски јазик	√	ВСС	,II-1/2,III-1/2, IV-1/2,V-1/2	**/**	Македонска Настевски
19.	24	Физичко образование-тандем наставник	√	ВСС	I/1, I/2, II/1 II/2, III/1, III/2, IV/1, IV/2	**/**	Елена Арсовска
20.	7	Англиски јазик	√	ВСС	VI/2, I/1, 1/2	/	Билјана Јосифоска
21.	6	Физичко образование – тандем наставник	√	ВСС	V/1, V/2	/	Јана Настевска

ПРЕГЛЕД

на вкупниот наставен кадар во учебната 2024/25 година

Наставен кадар по наставни јазици	Одделенска настава					Предметна настава					Вкупно
	проф	наст	учит	неоф образ	се	проф	наст	учит	неоф образ	се	
Македонски	/	10	1	/	11	/	20	1	/	21	32
Албански	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Турски	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Српски	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Вкупно	**/**	**10**	**1**	**/**	**11**	**/**	20	1	**/**	**21**	**32**

ПРЕГЛЕД

на раководниот и стручниот кадар во учебната 2024/25 година

Работно место	Завршено образование		Вкупен работен стаж	Работно искуство како директор, педагог и др.
	ВСС	ВСШ		
Директор	1	/	15г.	2г.
Зам.директор	/	/	/	/
Пом.директор	/	/	/	/
Педагог	1	/	7г.	3г.
Психолог	1	/	6г.	3г.
Социолог	/	/	/	/
Библиотекар	1	/	10г.	1г.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Воспитно-образовната дејност во училиштето опфаќа настава што се организира и изведува според наставните планови и програми од БРО и воннаставните активности.

Според Наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети, настава по изборни предмети, дополнителна настава и додатна настава. Организирањето на учебната година и одморите на учениците и училиштето во оваа учебна година се утврдуваат според календарот за организација и работа на основните училишта, што го донесува Министерот за образование.

Во училиштето наставата за оваа учебна година ја посетуваа **312** ученици распоредени во 18 паралелки од I до IX одделение. Минатата учебна година сите учебници беа вратени во исправна состојба и истите беа доделени на учениците. Учебниците кои оваа учебна беа доделени од Министерството за образование и наука организирано беа прифатени и поделени со обврска за нивно зачувување. Примопредавањето на учебниците беше извршено согласно Правилникот за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплети на учебници во основните училишта. Учениците од прво и четврто одделение кои наставата ја следа во согласност со новата Концепција користеа учебници во електронска форма.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

На учениците од девето одделение во организација од повеќе средни училишта им беше презентирана можноста за запишување во средните училишта, со цел да им се помогне при изборот на понатамошното школување. Исто така е реализирано интерно предавање за професинална ориентација на учениците од страна на училишниот педагог. Работено е и во однос на ученичкото организирање и учество, ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител, како и ученичката заедница.

Презентациите беа прифатени позитивно и со голем интерес од страна на учениците.

Реализирани се **180** работни денови.

ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСТАВА

Задолжителната настава се реализираше во согласност со добиените наставни планови и програми од Бирото за развој на образованието и МОН и планираните наставни содржини по сите предмети во целост се реализирани.

Реализирани наставни часови по одделенија –Одделенска настава од 1-во до 5-то одделение

Реализација на часовите на крајот од учебната 2024/2025 година				
Одделение	**Планирани**	**Реализирани**	**Нереализирани**	**Причина**
		Број	**Број**	
I¹	792	792	/	Празници, боледување, екскурзии, семинари и натпревари
I²	792	792	/	
II¹	720	720	/	
II²	720	720	/	
III¹	792	792	/	
III²	792	792	/	
IV¹	900	905	/	
IV²	900	906	/	
V¹	936	936	/	
V2	936	936	/	
Вкупно	**8280**	**8291**	**/**	

Реализирани наставни часови по одделенија –Предметна настава од 6-то до 9то одделение

Реализација на часовите на крајот од учебната 2024/25 година				
Одделение	**Планирани**	**Реализирани**	**Нереализирани**	**Причина**
		Број	**Бр.**	
VI¹	982	985	/	Празници, боледување, екскурзии, семинари и натпревари
VI²	982	982	/	
VII¹	900	903	/	
VII²	900	905	/	
VIII¹	576	579	/	
VIII²	576	579	/	
IX¹	936	936	/	
IX²	936	936	/	
Вкупно	***8784***	***8811***	/	

Реализирани наставни часови по предмети –Предметна настава од 6-то до 9-то одделение

Реализација на часовите на крајот од учебната 2024/2025 година				
Задолжителни предмети	**Планирани**	**Реализирани**	**Нереализирани**	**Причина**
Македонски јазик	864	864	/	Празници, боледување, екскурзии, семинари и натпревари
Англиски јазик	864	870	/	
Француски јазик	576	576	/	
Математика	1227	1227	/	
Историја	576	576	/	
Географија	576	576	/	
Граѓанско образование	164	164	/	
Биологија	432	432	/	
Физика	288	288	/	
Хемија	288	288	/	
Техничко образование	216	216	/	
Информатика	72	72	/	
Етика	72	72	/	
Ликовно образование	360	372	/	
Музичко образование	288	323	/	
Иновации	72	72	/	
Физичко образование	972	972	/	
Природни науки	288	288	/	
Изборни предмети				
Етика во религиите	36	36	/	

Музички жанрови	72	66	/
Мултикултурни работилници	36	36	
Прва помош	72	62	/
Проекти од информатика	144	144	/
Вештини за живеење	144	144	/

ИЗБОРНА НАСТАВА

Изборот на слободни изборни предмети се врши според спроведени анкети во месец мај-јуни 2024 година и согласно Водичот за изборни предмети. Во седмо одделение се работеше во согласност со новата Концепција при што учениците имаа можност да изберат различни слободни изборни предмети во текот на секое полугодие. Со изборните предмети во основното училиште, на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

Р.бр	Изборен предмет	Одделение во кое се изучува изборниот предмет	Име и презиме на наставник кој го предава предметот
1.	Изборен предмет Разрешување на конфликти	IV-1	Билјана Димитриевска
	Изборен предмет Театарот – уметност на емоции		
2.	Изборен предмет Цртање, сликање и вајарство	IV-2	Благица Тодевска
	Изборен предмет Народни танци и ора		
3.		V-1	Гордана Јакимовска
	Изборен предмет Оригами		
	Изборен предмет Животни вештини		
4.	Изборен предмет Мултикултурни работилници	V-2	Јулијана Станковска Колевска
	Изборен предмет Прва помош		
5.	Изборен предмет Етика на религиите	VI-1/2	Петар Ристовски
	Изборен предмет Мултикултурни работлници		
	Изборен предмет		

6.	Музички жанрови Изборен предмет Прва помош	VII-1/2	Бојан Станковиќ
7.	Изборен предмет Проекти од информатика	VIII-1/2	Филип Ацевски
8.	Изборен предмет Вештини на живеење	IX-1 IX-2	Бојан Станковиќ Филип Ацевски

ДОПОЛНИТЕЛНА И ДОДАТНА НАСТАВА

Согласно законските обврски во оваа учебна година, застапени се дополнителната и додатната настава. Изведувањето на овие два вида на настава беше регулирано со посебен распоред, водејќи и сметка за одмерено ангажирање на учениците кои се вклучуваат во овој вид на настава, а усогласено со редовниот распоред што го имаа учениците. Во текот на целата година наставниците редовно и навремено ги изготвуваа педагошките евиденции за додатна и дополнителна настава.

Дополнителната настава се изведува со цел да се подобрат резултатите кај оние ученици кои се со послаби постигања и истата ја реализираат одделенските и предметните наставници кои предаваат во паралелката.

Додатната настава ја изведуваат одделенските и предметните наставници кои предаваат во паралелката и истата се изведува со талентирани ученици со цел да се прошират и продлабочат знаењата од соодветната област.

За поефикасно организирање на целите и задачите кои се поставени пред основното училиште, наставниците се организираа и делуваа преку Стручните активи на училиштето (СА-Одд. настава,СА-Хуманитарна група на предмети и СА-Природна група на предмети). Постои тимско работење, климата во училиштето е добра.

ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРАА ВО УЧИЛИШТЕТО

Нашето училиште секоја година активно работи на реализација на различни проекти со цел да се поттикне креативноста, тимската работа и практичната примена на знаењето кај учениците. Овие проекти се дел од наставниот процес, но и од воннаставните активности и вклучуваат соработка помеѓу ученици, наставници и поширокатa заедница. Тие овозможуваат развој на различни вештини и претставуваат мост помеѓу теоријата и практиката.

Во текот на учебната година се реализираа следниве проекти:

- Образование за животни вештини,
- Интеграција на еколошката програма во образовниот систем Еко-училиште;
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем;
- Активна настава-интерактивно учење;
- Инклузија на деца со посебни потреби;
- Правата на децата;
- Ученичка организација (клуб) на црвениот крст;
- Превенција од насилство во училиштата;

- Заживување на францускиот јазик во основните училишта
- Проект за превенција и заштита од природни непогоди- соработка со Воена академија
- Проект на кошаркарска федерација на Македонија – Her world- her rules!
- Проект со Макпетрол Крени глас – Стоп за булинг!,
- Проект за превенција и грижа за орално здравје,
- Пешачиме за мир, соживот и толеранција!
- Денови на електротехниката 2025,
- Проект Младите размислуваат -соработка со МИМ, IREX и USAID
- Проект безбедност во училиштата -соработа со МВР
- Проект Заедно кон подобра иднина – соработка со Светски институт за менаџмент.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Во училиштето слободните ученички активности се организираат во областа на науката, техниката, уметноста, спортот или со учество во активности со културно - уметнички и работно-производствен карактер (учество во училишен хор, оркестар, драмска, рецитаторска секција и сл.). На тој начин во училиштето се создаваат можности учениците кои имаат склоности и интерес без оглед на успехот на наставата, да се потврдуваат во одделни области. Во училиштето многу успешно функционираат спортски тимови за кошарка, фудбал, ракомет и одбојка, земаме учество со нашите тимови на општински, градски и републички натпревари.

Учениците освоија повеќе награди и пофалници на различни општински, градски, државни, меѓународни натпревари, конкурси, интерни конкурси на училиштето и тоа:

- Општински натпревар по Математика – 1 место, 2 место, 3 место, пофалница
- Општински натпревар по Природни науки 3-место, пофалница
- Регионален натпревар по природни науки – 3 место, пофалница
- Литературен конкурс на општина Гази Баба Денови на пролетта-Денови на екологијата -1 место
- Општински натпревар по шах- 1 место
- Регионален натпревар по математка-пофалница,
- Прва помош- благодарница
- Државен натпревар по математика-учество
- Државен натпревар по географија-учество
- Државен натпревар по електротехника- учество
- Учество во спортските лиги на општина Гази Баба
- Општински натпревар по одбојка-3 место
- Општински натпревар по биологија-учество
- Регионален натпревар по биологија-учество
- Општински натпревар по футсал-учество

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ ПОСЕТИ И ЕКСКУРЗИИ

Во согласност со Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности посети и набљудувања се реализирани:

- Еднодневен есенски излет во излетничко место Чардак(црква Св. Илија) ;
- Тродневна екскурзија со учениците од IX одделение во Западна Македонија со сместување во хотел Конгресен центар во Охрид;
- Дводневна екскурзија со учениците од VI одделение во Источна Македонија со сместување во хотел Ла тераца во Дојран;
- Одржана настава во природа со учениците од V одделение во Западна Македонија со сместување во хотел Конгресен центар во Охрид;
- Еднодневен пролетен излет во Спортско- рекреативен центар Пеленица (манастир Руса среда)
- Посети на културно- историски споменици низ Скопје
- Посета на музеи, спомен куќи и локалитети низ Скопје.

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ, ПОВЕДЕНИЕ И УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигнатиот успех во оваа учебна година нема значајни отстапувања од успехот во минатите учебни години. Можеме да заклучиме дека успехот е солиден во континуитет што укажува на една континуирана работа со учениците од страна на наставниците. Подетален преглед на успехот и поведението по предмети и одделенија е даден во прилог.

ПРЕГЛЕД
на бројот на учениците на крајот на второтополугодие
во учебната 2024/25 год.

Одд.	Македонски јазик		Албански јазик		Турски јазик		Српски јазик		Вкупно	
	се	ж	се	ж	се	ж	се	ж	се	ж
I	31	16	/	/	/	/	/	/	31	16
II	31	12	/	/	/	/	/	/	31	12
III	44	27	/	/	/	/	/	/	44	27
IV	32	13	/	/	/	/	/	/	32	13
V	38	17	/	/	/	/	/	/	38	17
I-V	**176**	**85**	/	/	/	/	/	/	**176**	**85**
VI	36	14	/	/	/	/	/	/	36	14
VII	30	14	/	/	/	/	/	/	30	14
VIII	38	17	/	/	/	/	/	/	38	17
IX	32	13	/	/	/	/	/	/	32	13
VI-IX	**136**	**58**	/	/	/	/	/	/	**136**	**58**
I-IX	**312**	**143**	/	/	/	/	/	/	**312**	**143**

ПРЕГЛЕД
на испишани ученици во учебната 2024/25 год.

Наставен јазик	I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX		Вкупно	
	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж	Вк	ж
Македонски	/	/	2	/	/	/	/	/	/	/	1	1	/	/	1	/	1	/	5	/
Албански	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Турски	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Српски	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

ПРЕГЛЕД

на вкупниот број на ученици во паралелки и број на паралелки во учебната 2024/25 год. во наставата со македонски наставен јазик

ООУ„Крум Тошев”	**Ученици и паралелки по одделенија**																							
	I		**II**		**III**		**IV**		**V**		**I-V**		**VI**		**VII**		**VIII**		**IX**		**VI -IX**		**I-IX**	
	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч	Пр	Уч
Централни I- IX	2	31	2	31	2	44	2	32	2	38	**10**	**176**	2	36	2	30	2	38	2	32	**8**	136	**18**	**312**
Подрачни I- IX	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Подрачни I-V	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Вкупно	2	31	2	31	2	44	2	32	2	38	**10**	**176**	2	36	2	30	2	38	2	32	**8**	**136**	**18**	**312**

ПРЕГЛЕД

на изостаноците на учениците на крајот на учебната година во учебната 2024/25 год.

Наставен јазик	**Изостаноци**	**Одделение**											
		I	**II**	**III**	**IV**	**V**	**I-V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**	**VI-IX**	**Вкупно**
Македонски јазик	оправдани	541	1608	485	665	889	**4188**	1223	320	1121	1285	**3949**	**8137**
	неоправдани	/	21	/	10	10	**41**	/	/	14	21	**35**	**76**
	се	541	1629	485	675	899	**4229**	1223	320	1135	1306	**3984**	**8213**

ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛЕНИЈА, ПОЛ И ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА

ОДД.	МАКЕДОНЦИ			АЛБАНЦИ			СРБИ			РОМИ			ДРУГИ			ВКУПНО		
	М	Ж	СЕ	М	Ж	СЕ	М	Ж	СЕ	М	Ж	СЕ	М	Ж	СЕ	М	Ж	СЕ
I	7	11	18	6	5	11	/	/	/	2	/	2	/	/	/	15	16	31
II	8	3	11	13	7	20	/	/	/	/	/	/	/	/	/	21	10	31
III	12	22	34	5	5	10	/	/	/	/	/	/	/	/	/	17	27	44
IV	12	7	19	7	5	12	/	/	/	/	1	1	/	/	/	19	13	32
V	12	11	23	8	5	13	/	/	/	1	1	2	/	/	/	21	17	38
VI	19	8	27	3	6	9	/	/	/	/	/	/	/	/	/	22	14	36
VII	13	10	23	3	4	7	/	/	/	/	/	/	/	/	/	16	14	30
VIII	15	12	27	6	5	11	/	/	/	/	/	/	/	/	/	21	17	38
IX	19	11	30	/	2	2	/	/	/	/	/	/	/	/	/	19	13	32
I-IX	117	95	212	51	44	95	/	/	/	3	2	5	/	/	/	171	141	312

ПРЕГЛЕД

на поведението на учениците на крајот на учебната

2024/25година

Одделение	**I**	**II**	**III**	**IV**	**V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**	**Вкупно**
Примерно	31	31	44	32	38	36	30	38	32	**312**
Добро	/	/	/	/	/	/	/	/	/	**/**
Незадоволнително	/	/	/	/	/	/	/	/	/	**/**

ПРЕГЛЕД

на општиот успех на учениците на крајот на второто полугодие
во учебната 2024/25 година во наставата со македонски наставен јазик

Одд.	Бројнаученици		Одлични		Мн.добри		Добри		Доволни		Вкупносопозитивни		Со 1 слаба	Просек Паралелка 1	Просек Паралелка 2	Вкупен просек	
	Се	Ж	Бр.	%	Бр.	%	Бр.	%	Бр.	%	Бр.	%	Бр.	%	%		
I	31	16															
II	31	10															
III	44	27															
IV	32	13	16	50	4	12,5	8	25	2	6,25	32	100	/	/	4,12	4,01	4,06
V	38	17	21	55,26	6	15,78	3	7,89	8	21,05	38	100	/	/	4,16	4,14	4,15
I-V	176	83	37	21,02	10	5,68	11	6,25	10	5,68	70	100	/	/	4,10		
VI	36	14	20	55,55	7	19,44	8	22,22	/	/	35	100	/	/	4,71	3,87	4,79
VII	30	14	13	43,33	5	16,66	8	26,66	4	13,33	30	100	/	/	4,49	3,21	3,85
VIII	38	17	12	31,57	8	21,05	15	39,47	2	5,26	37	97,36	1	2,63	3,54	3,62	3,58
IX	32	13	19	59,37	9	28,12	3	9,37	1	3,12	32	100	/	/	4,54	4,23	4,38
VI-IX	136	58	64	47,05	29	21,32	34	25	7	5,14	134	98,61	/	/	4,15		
IV-IX	206	88	101	49,02	39	18,93	45	21,84	17	8,25	204	99,05	/	/	4,05		
I-IX	312	141	101	49,02	39	18,93	45	21,84	17	8,25	204	99,37	/	/			

ПРОСЕЧЕН УСПЕХ ПО ОДДЕЛЕНИЈА, ПО ПРЕДМЕТИ И ПРОСЕЧЕН УСПЕХ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА

ОДД.	МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК	АНГЛИСКИ ЈАЗИК	ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК	МАТЕМАТИКА	ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО	ИСТОРИЈА	ГЕОГРАФИЈА	БИОЛОГИЈА	ФИЗИКА	ХЕМИЈА	МУЗИЧКО	ФЗО	ИНОВАЦИИ	ПРИРОДНИ НАУКИ	ИНФОРМАТИКА	ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНФОРМАТИКА	ЕТИКА	ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ	ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ	ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ	ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ	ПРОСЕК ПО ОДД.
IV¹	3,94	3,80	/	4,0	/	/	/	/	/	/	4,5	4,7	/	3,8	/	4,2	/	/	/	4,2	4,2	4,2	4,12
IV ²	3,61	4,07	/	3,76	/	/	/	/	/	/	3,61	4,92	/	3,61	/	4,07	/	/	/	3,92	4,53	4,53	4.01
V¹	4,05	4,00	/	4,09	3,88	/	/	/	/	/	4,17	4,70	/	4,05	/	4,00	/	/	/	4,11	4,41	4,41	4,16
V₂	3,95	4,00	/	4,05	3,85	/	/	/	/	/	4,2	4,4	/	3,85	/	4,05	/	/	/	4,2	4,5	4,5	4,14
VI¹	4,82	4,59	4,53	4,35	/	4,65	4,76	/	/	/	4,47	4,82	/	4,82	4,71	/	4,88	4,65	4,88	4,76	4,88	/	4,71
VI²	3,50	3,83	3,72	2,94	/	3,50	4,00	/	/	/	3,39	4,17	/	3,83	3,61	/	5,00	3,67	3,67	4,22	5,00	/	3,87
VII¹	4,54	4,54	4,38	4,15	/	4,31	4,31	4,38	/	/	4,54	4,61	/	/	4,38	/	4,54	/	/	4,85	4,69	4,69	4,49
VII²	3,12	3,24	3,47	2,82	/	2,82	3,18	3,00	/	/	2,82	4,06	/	/	2,94	/	3,24	/	/	3,76	3,17	3,00	3,21
VIII¹	3,61	3,61	3,89	3,06	/	3,06	3,33	3,06	3,17	3,13	2,94	4,39	/	/	/	/	/	/	3,83	4,28	4,17	/	3,54
VIII²	3,65	3,90	3,65	3,10	/	3,15	3,25	3,55	3,10	3,35	3,30	4,20	/	/	/	/	/	/	3,75	4,40	4,35	/	3,62
IX¹	4,44	4,44	4,25	4,00	/	4,56	4,45	4,56	3,21	4,31	4,75	4,81	4,63	/	/	/	/	/	4,81	4,75	4,88	/	4,54
IX²	4,13	4,31	4,19	3,94	/	3,94	4,25	3,94	3,81	3,81	4,00	4,69	4,50	/	/	/	/	/	4,50	4,69	4,81	/	4,23
Вкуп.	3,94	4,02	4,01	3,68	3,86	3,74	3,94	3,74	3,32	3,65	3,89	4,53	4,56	3,99	3,91	4,08	4,41	4,16	4,24	4,34	4,47	4,22	4,05

Успехот на учениците е целосно анализиран во прилогот од дадените табели од каде што може да се види следното:

Од вкупно 312 ученика описно се оценети 108 ученика од I до III одд. Од IV до IX одделение успехот е следниот: одлични се 120, многу добри се 42, добри 35, доволни 13, што значи 318 од учениците се со позитивни оцени.

Просекот на училиштето на крајот од учебната 2024/25 година е многу добар 4,05 или споредбено со претходните учебни години изгледа вака:

Учебна година	2023/24	2022/23	2021/22	2020/21
Просек	4,19	4,20	4,02	4,08

Вкупно изостаноци на крајот од **учебната 2024/25 год**ина има **8213** од кои **8137 се оправдани,**а **76 се неоправдани.** Споредбено бројот на изостаноците со крајот на претходните учебни години изгледа вака:

Учебна година	*2023/24*			*2022/23*			*2021/22*			*2020/21*		
	опр	неоп	вкуп	опр	неоп	вкуп	опр	неоп	вкуп	опр	неоп	вкуп
Изостаноци	5650	1082	6732	5650	1082	6732	3778	65	3843	1518	95	1613

ПРЕВЗЕМЕНИ ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА

На крајот на учебната 2024/25 нема изречени педагошки мерки.

ПОФАЛЕНИ УЧЕНИЦИ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА

Во текот на учебната година учениците кои покажуваат континуиран успех, дисциплина и поведение се пофалени од наставничкиот совет на училиштето. На овие ученици во евидентните листови од Одделенските/класните раководител ќе им биде заведено дека се пофалени ученици во третото тромесечие во учебната 2024/25 година.

- **1/1**-Тео Савовски, Андреа Бошкова;
- **1/2** –Матео Атанасовски, Анастасија Максимова, Константин Новковиќ, Тамара Петрова, Каја Стефанов, Антонија Трајчевска;
- **2/1** – Дамјан Ѓоргиевски, Дамјан Ангеловски, Теодор Илиевски;
- **2/2**- Бојана Петровиќ, Марко Цветановски;

- **3/1**- Лукијан Петровиќ, Марио Боцевски, Калина Лазаревска, Софија Јовчевска, Дона Јовановска, Георгина Станковска;
- **3/2**-Илина Ѓорѓиевска, Даријан Спасовски, Матеј Дукадиновски, Марија Спасевска, Софија Стојановска;
- **4/1**- Давид Атанасовски, Јована Илиевска;
- **4/2**–Давор Алексов, Галена Тасевска;
- **5/1**- Марко Стевков, Григориј Јовановски, Мила Тодосиева, Ања Јачев, Калина Стефкова;
- **5/2**-Јана Веновска, Неда Најдовска, Даријан Стојановски, Антонија Вучковска, Марија Глигорова, Дамјан Трајковски, Даниел Кимовски;
- **6/1**- Бисера Јовановска, Дамјан Атанасовски, Мила Стојановска, Давид Стојковски;
- **6/2**-Андреа Ѓорѓевска, Михаил Јовчевски, Марио Петровски;
- **7/1**-Николина Цветковска, Михајло Петровиќ, Ива Стевкова;
- **7/2**- Нела Атанасовска;
- **8/1**- Јана Атанасовска, Андреј Спасевски, Анастасија Боцевска;
- **8/2**- Стефан Стојановски, Анабела Ѓорѓиевска, Ивона Тоневска, Симона Стефановска, Илија Соларов;
- **9/1**- Леон Лефковски, Ива Стојановска;
- **9/2**- Михаела Арсиќ, Анастасија Смилева, Ева Трајановска, Петар Атанасов;

Учениците од IX – одделение кои во текот на своето образование имаа континуиран одличен успех на крајот од учебната година од ООУ „Крум Тошев” – Трубарево беа наградени со книга.

За **<u>првенец на генерација</u>** кој што оваа учебна година го заврши деветгодишното школување во ООУ „Крум Тошев”- Трубарево е избран ученикот **Христијан Ангеловски** од 9/1 одделение.

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ И ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на целата учебна година беа организирани предавања од стручната служба и надворешни соработници од едукативен карактер за: алкохолизам, никотинизам, наркоманија, сида, пубертет, преносливи полови болести, срцеви заболувања, правилна исхрана, адолесценција, контрацепција, социо-емоционален развој на учениците, емотивна и психичка состојба во време на адолесценцијата, организирање на слободното време на учениците за викенди и сл.

Во соработка со средните училишта на градот Скопје беа извршени повеќе презентации на учениците од IX одделение со цел запознавање и полесен избор на понатамошното школување.

Од страна на педагогот на училиштето беше одржано предавање за професионална ориентација за учениците од IX одделение.

Од страна на психологот беше спроведена анкета и истражување меѓу учениците за меѓуврсничка едукација, социјализација и меѓуврсничко насилство.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Соработката со локалната самоуправа е на високо ниво и во текот на учебната година секогаш кога ќе се појави одреден проблем во врска со функционалното работење на училиштето локалната самоуправа несебично ни помагаше (замена на осветлувањето во училишниот двор, косење на тревата).

Соработката со месната заедница и родителите е добра, а се одвива преку индивидуални средби, родителски состаноци и состаноци на Советот на родители. Во извештаите на наставниците се потенцира дека посетеноста на родителите на родителските состаноци е на задоволително ниво. Дел од родителите несебично помагаа во одредени активности коишто беа организирани од страна на училиштето(хуманитарни акции, хуманитарни базари, крводарителска акција).

Во текот на целата година има континуирана соработка со поликлиника Ченто, Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и основачот на училиштето- Општина Гази Баба.

СЛЕДЕЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Училиштето во рамките на својата воспитно-образовна работа организираше систематско следење и унапредување на севкупната дејност и вреднување на постигнатите резултати.

Одделенските и наставничките совети редовно се одржани. Редовно функционираа и стручните активи во училиштето кои придонесуваа за унапредување на наставата (СА-одд.настава, СА-хуманитарна група предмети, САприродна група предмети).

Директорот вршеше увид на целокупната работа во училиштето. Остваруваше средби со ученици, родители, локална самоуправа, општина, министерство. Вршеше проверка на педагошка евиденција и педагошка документација, подобрување на училишната клима и тимската работа. Во текот на целата година работеше на подобрување на воспитно –образовниот процес, како и на подобрување на условите во кои што ќе се изведува истиот.

ДИРЕКТОР

Работата на директорот е насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно-образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата. Поставените цели и задачи ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година.

Во рамките на следењето, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа на училиштето од страна на директорот и училишниот педагог извршена е анализа на годишните планови и програми за работа на наставниците, се следи динамиката, квалитетот и квантитетот на нивна реализација, квалитетот на подготовките и плановите за работа и др.

Реализирани активности од страна ан директорот во текот на учебната 2024-2025 година се:

- Подготовка и одржување на седници на Наставничкиот и Одделенскиот совет
- Учество во работата на Советот на родители и Училишниот одбор
- Учество во изготвувањето на распоредот на часовите
- Истакнување и следење на спроведувањето на куќниот ред во училиштето
- Распределба на задолженија за успешен почеток на учебната година
- Организирање и учество во одбележувањето на значајни датуми и прослави во училиштето
- Договор и изготвување на распоред за работа на слободните ученички активности, одделенски заедници и сл.
- Увид и давање упатство при водењето на педагошката евиденција и документација
- Увид во организационата поставеност на ученичките организации во училиштето
- Увид во одделенските книги и главната книга
- Подготвување и реализација на тендерски набавки
- Увид во планирањата и подготовките на наставниците за настава
- Увид во часовите по дополнителната настава и слободните ученички активности
- Учество на родителски средби во паралелките со послаб успех и поведение
- Аналитичко-истражувачка работа;
- Работа со наставници приправници;
- Советодавно-консултативни средби со наставници и родители,
- Учество во организационите работи при одбележувањето на значајни датуми
- Соработка со локална заедница.
- Учество во обуки и работилници за професионален развој.

СТРУЧНА СЛУЖБА – ПЕДАГОГ И ПСИХОЛОГ

Педагогот и психологот ги реализираа своите работни задачи согласно Годишната програма за работа на училиштето и согласно сопствената годишна програма.

Реализирани активности од страна на стручната служба во учебната 2024-2025 година се:

- Учество во планирањето на Годишната програма за работа на училиштето
- Советодавна работа со ученици кои покажуваат послаб успех или лошо поведение и советодавна работа со родителите на истите и со нивните наставници
- Советување на родителите
- Учество во работата на Комисијата за упис на децата од I одделение
- Изготвување анализи, извештаи и статистички прегледи за потребите на БРО и МОН
- Распределба на новодојдени ученици по паралелки
- Замена на отсутни наставници
- Учество на состаноци на Совет на родители
- Учество во организационите работи при одбележувањето на значајни датуми
- Учество во работата на наставнички и одделенски совети
- Учество во работата на стручните активи
- Средување на педагошката евиденција и документација
- Следење и учество во работата на Детската организација.
- Работа со учениците од деветто одделение на професионална ориентација и др.
- Редовно одржување на состаноци на Ученичката заедница;
- Учество во професионалниот развој на наставниците;
- Соработка со локална заедница;
- Аналитичко-истражувачка работа;
- Работа со наставници приправници;
- Советодавно-консултативни средби со наставници;
- Реализирање на активности за превенција од меѓуврснички насилство;
- Реализирање на предавања.

- Увид во начинот на оценување на учениците и упатување на наставниците за правилно оценување
- Анализа на постигнатите резултати (успех на учениците) по секој класификационен период
- Индивидуално стручно усовршување и учество на семинари, советувања и други форми организирани од надворешни субјекти
- Прифаќање на нови наставници и нивно воведување и запознавање со работата на училиштето на сите нивоа

Во рамките на следењето, унапредување и вреднување на воспитно-образовната работа на училиштето од страна на директорот и училишниот педагог извршена е анализа на годишните планови и програми за работа на наставниците - се следи динамиката, квалитетот и квантитетот на нивна реализација, квалитетот на подготовките и плановите за работа и др.

ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Педагошката евиденција и документација во училиштето е редовно водена од сите одделенски и предметни наставници, од педагогот, психологот и директорот во училиштето.

Прегледани се главните книги, дневниците и сведителствата во периодот на месец јуни 2025 година.

Поделбата на сведителствата се изврши на 13. 06. 2025 година за учениците од деветто одделение, а сведителствата за учениците од останатите одделенија беа поделени на 27.06.2025година.

КОНСТАТАЦИЈА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ

Иако според досега изложеното треба да бидеме задоволни од постигнатите резултати, сепак извлекуваме посебни мерки и заклучоци за подобрување на успехот и севкупната работа во училиштето за наредната учебна година :

- интензивна индивидуална работа со учениците кои имаат повеќе неоправдани изостаноци и нивните родители
- интензивирање на дополнителната настава по сите наставни предмети по кои учениците покажале недоволен успех
- примена на стекнатите знаења од семинарите со примена на современи методи на работа и оценување
- зголемена соработка со родителите преку разни активности во и надвор од училиштето
- поголема искористеност на нагледните средства и нивно збогатување
- перманентно стручно усовршување преку следење на стручна литература
- активно учество во работата на стручните активи и учество на семинари.

Јули, 2025 година

Директор
Александра Димитриевска

С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

Предлагач: Градоначалник на Општина Гази Баба

Изготвувач: ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје

Претставник: в.д директор, Елизабета Темелковска

ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

СКОПЈЕ, АВГУСТ 2025 ГОДИНА

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-10/27 од 30.06.2025 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број _____
од __.__.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
м-р Сашо Кукески

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ
Бр. 02-10/27
30.06 2025 год.
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019, 229/20 3/2025, 74/25) и член 36 од Статутот на ООУ „Наум Наумовски – Борче " Скопје – Гази Баба Училишниот одбор на својата седница одржана на ден 30.06.2025 година ја донесе следната :

О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/25 година

На седницата одржана на ден 30.06.2025 година присутните членови на Училишниот одбор донесоа едногласно одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/25 година

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

Претседател на Уч. Одбор
ООУ „Наум Наумовски –Борче "

/ Горан Готиќ /

ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“ Скопје - Гази Баба

ул. Маџари бр.25 1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за воспитно – образовната работата на

ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“ СКОПЈЕ

за учебната 2024/25 година

Јуни, 2025

СОДРЖИНА

1. Вовед....4
2.Лична карта на училиштето....5
3.Мисија и Визија на училиштето....16
4.Веќе научено / Стекнати искуства....17
5. Подрачја на промени, приоритети и цели....19
6. Акциски планови....21
7.Календар за работа....21
8.Реализација на воспитно – образовната работа....22
Воннаставни активности....32
9.Оценување....88
10. Поддршка на учениците....100
11. Грижа за здравјето....124
12. Училишна клима и односи во училиштето....125
13. Професионален развој на образовниот кадар....127
14. Вклученост на семејствата во училиштето....134
15. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето....135
16. Годишен извештај од работа на Училишниот одбор во учебната 2024 / 2025 година....135
17. Годишен извештај од работата на Советот на родители во учебната 2024 /25 година....136
18. Годишен извештај од работата на Наставничкиот совет во учебната 2024/2025 година....136
19. Годишен извештај од работата на Одделенскиот совет во учебната 2024/25 година....142
20. Годишен извештај од работата на Стручните активи....143

21. Годишен извештај од работата на Директорот во учебната 2024 /25 година 159
22. Годишен извештај од работата на Педагогот во учебната 2024/2025 год 172
23. Годишен извештај од работата на Социологот во учебната 2024/25 год 179
24. Годишен извештај за работатата на психологот во учебната 2024 / 2025 година 183
25. Годишен извештај за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2024/2025 година 192
26.Годишен извештај од работата на библиотекарот во учебната 2024/25 година 196
27. Извештај за работата во продолжен престој во учебната 2024/2025 година 200
28.Самоевалуација на училиштето 202

1. Вовед

Врз основа на планираната воспитно - образовна работа предвидена во Годишната програма се изработува и Годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година. Наставата и другите форми на воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година се реализирани врз основа на Законот за основно образование, Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука и Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2024/25 година.

Годишниот извештај е документ изработен според следниве појдовни основи:

- Законот за основно образование;
- Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука;
- Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2024/25 година; ● Статут на училиштето;
- Советот на родители; ● Училишен Одбор;

Годишниот извештај претставува документ кој содржи битни информации за оценка на работата на училиштето:

- Материјално – техничките услови за работа;
- Организацијата и начинот на остварување на воспитно –образовната работа во училиштето;
- Облиците на наставната и воннаставната активност;
- Грижата за здравјето на учениците, заштита на животната средина, општествено-корисна работа, уредување на училиштето;
- Соработка со локалната средина;
- Соработка со родителите;

- Следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно – обрзовната работа во училиштето;
- Успехот на учениците;
- Професионалниот развој на наставниците;
- Работата на ученичките организации;
- Работата на стручните органи и органите на управување и раководење;

Писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците, учениците, родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето. За голем дел информации на овој извештај училиштето располага со табеларни прилози (прегледи за ученици, прегледи за успех, извештаи и сл.).

2.Лична карта на училиштето

Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	**ООУ „Наум Наумовски Борче“**
адреса	**Ул. „Маџари“ бр.25**
општина	**Гази Баба**
место	**Скопје**
телефон фах	**02 / 2 521-092**
е -маил	**naum_naumovski_borce@yahoo.com**
основано од	**Општински комитет за општествени дејности на Собрание на општина Гази Баба.**
Верификација - број на актот	**14-2782/1**
Година на верификација	**26.02.1986 година**
Јазик на кој се изведува наставата	**Македонски**
Година на изградба	**1961**

Тип на градба	**Тврда градба**
Површена на објектот	**4239 m²**
Површина на училшниот двор	**23000 m²**
Површина на спортски терени и игралишта	**2300 m²**
Училиштето работи во смена	**Да (Две смени)**
Начин на загревање на училиштето	**Парно**
Број на одделенија	**9**
Број на паралелки	**22**
Број на смени	**Две смени**

Просторни услови за работа на училиштето

Вкупен број на училишни згради	1
Училишен двор	25800 m²
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	30427 m²
Нето површина	26127 m²
Број на спортски терени	1+спортска сала
Број на катови	Приземје + 3
Број на училници	22
Број на помошни простории	25
Училишна библиотека	1
Начин на загревање на училиштето	Парно

Материјално-технички услови и аудио визуелна опрема

Табли (зелени)	20
Интерактивни табли	21
LCD проектори	23
Магнетни табли (бели)	4
CD плеар радио касетофони	14
Телевизори	2
LCD-Smart телевизори	2
МФП принтер во боја А3	1
Печатари	14
мултифункционални печатари	3
фотокопир	3
Скенер	1
табли бели со тркалца	6
разгласна станица	1
МИМИО уред	1
микро бит уреди	30
компјутери во кабинет по информатика	26
Кабинет за Работа со компјутер	16
компјутерска училница	4 компјутери 24 монитори
метални ормари со 130 преносни компјутери	6 со 122
компјутер во наставна канцеларија	1
синтизајзер, ксилофон, пиано, металофон	3 синтисајзери, 2 ксилофон, 1 пиано, 3 металофон, 2 мелодика, 1 кајон, 30 блок флејта, 1 дајре

Мапа на училиштето



Училиштето се наоѓа во населбата Маџари - општина Гази Баба на ул.Маџари бр.25. Училиштето располага со вкупно 22 училници од кои : 1 кабинет по информатика,1 кабинет за Работа со компјутери, една современа лабораторија - кабинет по техничко образование, една современа лабараторија по природни науки, една просторија - медиатека опремена со современи аудиовизуелни нагледни средства за проекција која има широка примена во реализација на наставата и воннаставните активности, помали простории кои се користат за чување на нагледните средства, 3 простории наменети за прво одделение и за продолжен престој на учениците, 7 кабинети по предметна настава(математика, јазик, физика, географија, историја, музичко образование и ликовно образование) 5 кабинети одделенска настава и фискултурна сала со две соблекувални.

Во училиштето има 6 канцеларии (наставници, педагог, социолог, директор, секретар, психолог/специјален едукатор и рехабилитатор).

Раководниот кадар во училиштето се состои од директор, а стручната служба од педагог, социолог, психолог, специјален едукатор

и рехабилитатор и библиотекар.

Од почетокот на учебната 2024/2025 година за учениците со посебни образовни потреби согласно препораките од Стручно тело за функционална процена а во соработка со Основно училиште со ресурсен центар „Иднина“ беше обезбедена дополнителна поддршка во учењето – образовен асистент за пет ученици со посебни образовни потреби. Во текот на второто полугодие од учебната година поддршка од образовен асистент дополнително се обезбеди за уште два ученици со посебни образовни потреби.Во оваа учебна година наставата ја реализираат вкупно 39 наставници од кои 23 во предметна настава (5 предметни

наставници дополнуваат часови од други училишта) и 16 наставници во одделенска настава, дневен престој се одвиваше во три групи од прво до трето одделение. Сите наставни предмети се застапени со соодветен стручен кадар.

Наставата во учебната 2024/2025 година започна на 02.09.2024, заврши на 10.06.2025 година.

Во училиштето постои училишна библиотека со книжен фонд од над **10055** книги. Од скромните средства со кои располага училиштето редовно се обновува основната стручна литература за потребите на учениците и наставниците. Училиштето согласно своите можности редовно набавува нагледни средства, но сепак еден од главните приоритети е продолжување со набавка на нагледни средства со цел подобрување на квалитетот на наставата.

Од техничко-материјални услови, за реализација на наставните содржини во изминатиот период дополнително беа набавени: 1 интерактивна табли, ЛЦД проектор со држач, печатар, асистивна технологија и збогатување на фондот на книги и материјали за учениците, интерактивни игри за децата, специјална маса за смарт роботи. Покрај набавката на дел од реквизитите и нагледните средства сеуште недостасуваат реквизити и нагледни средства за квалитетно реализирање на наставата.

Во сите училници има вклучено интернет со wireless (безжична конекција) и со ADSL жичана конекција за квалитетно реализирање на наставата, дополнително оваа година се воспостави и поврзување со интернет и во ресурсната соба и ликовно работилницата.

Училиштето има опремен простор за сензорно сетилна ресурсна соба во која има вградено најсовремена опрема за стручна работа со деца со посебни потешкотии и потреби и асистивна технологија.

Во училиштето се подобриј условите за безбедно движење и престој во училишниот двор со одвоениот паркинг простор на кој поставивме заштитна рампа за влез во училишниот простор, поставен нов паркинг простор за велосипеди. Поставени на заштитни решетки на прозорите на приземје на целиот блок долж училниците и ходникот. Изградени се атлетски борилишта, атлетка стаза, простор за фрлање на ѓуле, целосно хортикултурно уредени и ставени во употреба најсовремено изградени атлетски борилишта намените за развој на децата и атлетиката во училиштата.

Поставена нова одводна мрежа за атмосферската вода од Спортската сала со три шахти за одвод. Училиштето е вклучено на мрежата на централното градско греење со што прашањето за затоплување е целосно решено. Училиштето има план за штедење на електрична енергија согласно препораките на владата, потрошувачката на електрична енергија е намалена од претходната година. Хигиената во училиштето редовно се одржува на потребното ниво и ги задоволува пропишаните стандарди за изведување на настава и воннаставни активности. Квалификационата структура на

воспитно- образовниот кадар ги задоволува позитивните законски прописи кој гарантира успешна и квалитетна реализација на воспитнообразовниот процес.

Членови на училиштен одбор	- Горан Готиќ - претседател на Училишен одбор претставник од совет на родители - Христијан Алексовски - претставник од совет на родители - Ирена Димова - претставник од совет на родители- Марија Депиновска - претставник од наставниците - Соња Ајдаревиќ- претставник од наставниците - Даниела Кузманоска - претставник од наставниците - Ива Стојановска Јакимовски - претставник од локална самоуправа
Членови на совет на родители	- Фросина Ѓоргиева Ia - - Соња Камберска Петровска Iб - - Христијан Алексовски IIa - - Маја Велјановска IIб - - Ољa Блажевски IIIa - - Анита Анчева III б - - Весна Тодороски -IV а - - Анета Марковска -IV б - - Бојан Насковски -IV в - - Весна Мерџановска Стефановска- V а - - Анџела Бошковска- V б - Илина Петковиќ - V в Македонка Стаменов -VI а Јасмина Трајковиќ -VI б Сања Петровска - VII а Анета Гијевска - VII б Ирена Димова - VII в Горан Готиќ - VIII а Наташа Стојмиров - VIII б Билјана Панчевска - IX а Тања Јовановска - IX б Сунчица Мајсторова - IX в
Стручни активи (видови)	-актив на одделенска настава -актив на јазична-општествена група предмети -актив на природна група предмети -актив на вештини
Одделенски совети (број на наставници)	39
Членови на ученичка заедница	22

Структура на училиштето

Преглед на раководниот и стручниот кадар во учебната 2024/2025 година

Работно место	Завршено образование		Вкупен работен стаж	Работно искуство како директор, помошник и заменик директор, педагог, психолог социолог,дефектолог,библиотекар
	ВСС	ВШС		
В.д.Директор	1	-	14г.	3 месеци
Помошник директор	-	-	-	-
Педагог	1	-	35 г.	35 г.
Психолог	1	-	11 г.	11 г.
Социолог	1	-	15 г.	2 г.
Дефектолог	1	-	23 г.	1 г.
Библиотекар	1	-	35 г.	7 г.

Наставен и ненаставен кадар

Наставен и ненаставен кадар	Вкупно	Македонци		Срби	
		машки	Женски	м	ж
Број на вработени	53	5	48		
Број на наставен кадар	36	2	38		
Број на стручни соработници	5		5		
Административни работници	2	1	1		
Техничка служба	9	2	7		
Директор	1		1		

П Р Е Г Л Е Д

На наставниот кадар во учебната 2024/2025 година

Наставен кадар по наставни јазици	**Одделенска настава**					**Предметна настава**					**Вкупно**
	Проф.	**Наст.**	**Учит.**	**Неоформ обр.**	**Се**	**проф**	**Наст.**	**Учит.**	**Неоф. образ.**	**се**	
Македонски	**15**	**1**	**-**	**-**	**16**	**22**	**1**	**-**	**-**	**23**	**39**
Албански											
Турски											

Српски											
Вкупно	**15**	**1**	**-**	**-**	**16**	**22**	**1**	**-**	**-**	**23**	**39**

Наставата во учебната 2024/25 година ја изведуваа вкупно 39 наставници од кои 16 во одделенска настава, 23 во предметна настава (од кои 5 наставници дополнуваат часови од други училишта)

Дневен престој е организиран за хетерогена група ученици од прво до третто одделение во три групи .

Наставници кои дополнуваат часови во ООУ„Наум Наумовски Борче“:

- Никола Наневски -наставник по ликовно образование од ООУ„Крсте Мисирков“ 8 часа.
- Марија Наневска - наставник по ликовно образование од ООУ„Дане Крапчев“ 2 часа.
- Виолета Миновска наставник по техничко образование и информатика од ООУ„Крсте Мисирков“ 6 часа.
- Даниела Ристевска наставник по слободен изборен предмет, 4 часа. - Билјана Антова наставник по слободен изборен предмет, 4 часа

П Р Е Г Л Е Д

на вкупниот број на ученици во учебната 2024/ 2025 година

Одд.	**паралелки**	**машки**	**женски**	**Вкупно**	**Македонци**			**Албанци**			**Срби**			**Роми**			**Власи**			**Бошњацихрвати**			**Турци**		
					м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се
I	**2**	**27**	**29**	**56**	**22**	**21**	**43**		**2**	**2**	**2**		**2**	**3**	**6**	**9**									

II	2	28	21	49	22	11	33							6	10	16									
III	2	25	23	48	22	17	39							3	5	8		1	1						
IV	3	36	29	65	25	28	53	2		2				9	1	10									
V	3	33	37	70	25	31	56	2		2	1		1	5	4	9					1	1		1	1
I-V	12	149	139	288	116	108	224	4	2	6	3		3	26	26	52		1	1	0	1	1	0	1	1
VI	2	26	21	47	22	17	39	1		1				3	4	7									
VII	3	36	28	64	27	20	47	2	2	4				6	6	12				1		1			
VII	2	20	28	48	18	22	40		1	1				2	4	6		1	1						
IX	3	29	30	59	26	28	54	1		1				2	2	4									
VI-IX	10	111	107	218	93	87	180	4	3	7				13	16	29		1	1	1		1			
I-IX	22	260	246	506	209	195	404	8	5	13	3		3	39	42	81		2	2	1	1	2		1	1

П Р Е Г Л Е Д

На вкупниот број запишани ученици, паралелки (чисти) во текот на учебната 2024/25 година со настава на македонски наставен јазик

Училиште	Ученици и паралелки по одделенија																					
	I		II		III		IV		V		I-V		VI		VII		VIII		IX		VI-IX		I-IX	
	пр.	Уч.	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	Пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч
Централни I-IX	**2**	**56**	**2**	**49**	**2**	**48**	**3**	**65**	**3**	**70**	**12**	**288**	**2**	**47**	**3**	**64**	**2**	**48**	**3**	**59**	**10**	**218**	**22**	**506**
Подрачни I-IX																								
Подрачни I-IV																								
Вкупно	**2**	**56**	**2**	**49**	**2**	**48**	**3**	**65**	**3**	**70**	**12**	**288**	**2**	**47**	**3**	**64**	**2**	**48**	**3**	**59**	**10**	**218**	**22**	**506**

П Р Е Г Л Е Д

На бројот на учениците со продолжен престој во училиштето

Наставен јазик	Целодневен престој			Дневен престој		
	Групи	Ученици	Наставници	Групи	Ученици	Наставници
Македонски	-	-	-	3	65	3

3.Мисија и Визија на училиштето

Визија на училиштето

„Обезбедување на квалитетна и современа настава, како и позитивна, стимулативна и бездедна средина во која секој ученик и наставник ќе биде мотивиран и ќе има еднаква можност за непречен развој и надоградба.”

Мисија на училиштето

„Училиште со пријатна и здрава средина во која учениците непречено со голема желба и интерес ќе следат квалитетна и ефективна настава која нуди поддршка во индивидуалниот развој и формира морални личности со трајни и применливи знаења и вештини кои постојано ќе се нагдградуваат, развиена еколошка свест, меѓуетничка толеранција, почит кон другите и меѓусебна соработка.”

4.Веќе научено / Стекнати искуства

Искуствата ни говорат дека добра анализа и дијагностика, добро планирање, навременост во реализација, обезбедени услови и материјали, споделени и детерминирани одговорности, транспарентност и соработка, следење и мониторинг, позитивна клима, документирање и афирмирање на постигањата како основни услови за успешно работење и остварување на квалитетна воспитно- образовна дејност во училиштето .

Во својата работа ООУ„Наум Наумовски Борче”-Скопје постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализата на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Сите анализи придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците. За успешно постигнување на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од следниве релевантни извори:

Анализи и заклучоци од извештајот од спроведенета Самоевалуација за работа на училиштето (2022/2023 и 2023/2024); Развојна програма на училиштето за 2021-2025 година; Извештајот од интегралната евалуација на училиштето спроведена ноември 2023 и извршена контрола февруари 2025);

Одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;

Анализи и искуства од работењето на Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи;

Извештаи од реализација на наставните планови и програми; Стекнати знаења и компетенции од посетени обуки, семинари и работилници; Правилници за работа и етички кодекси за сите целни групи;

Критериуми и стандарди за оценување на постигањата на учениците;

Примена на ИКТ вонаставата и воннаставните активности;

Реализација на воннаставни активности, секции, проекти и слободни ученички активности преку:програма за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем, проекти за меѓуетничка интеграција во образованието, проекти од Еразмус, како и искуствата и соработката со здруженија, институции и локалната власт.

Од досегашната работа на сите структури во училиштето (наставен и раководен кадар, родители и ученици) успешно се релизираат предвидените активности со програмските документи на училиштето. Воспоставениот систем на работа ќе продолжи со истиот интензитет како и досега вклучувајќи ги веќе стекнатите искуства.

Добрата организација, тимската работа и професионалноста на наставниците ни овозможи воспитно-образовниот процес успешно да го реализираме и користејќи различни интерактивни методи со цел на учениците да им се олесни процесот на учење и совладување на наставните содржини. Наставниците разменуваа искуства, следеа обуки и вебинари преку кои покрај подобрување на методичките способности кај наставниците, кај сите чинители на образовно воспитниот процес резултираа

зголемени дигитални и методски компетенции кои се неопходни за реализација на современо инклузивно образование како и современ начин на функционирање.
Позитивен ефект во планирањето и реализирањето на наставата придонесува поддршка и следење на планирањето и реализирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници и процедурата за примена на стекнатите знаења од обуки во наставата, како и примената на досегашната практика за размена на искуства во рамките на стручните активи. Креиеање на акциони планови за надминување на слабостите.
Во успешното остварување на предвидените активности голем придонес дава успешната соработка со родителите и училишниот одбор. Важна улога во следењето на предвидените активности и нивно реализирање има формираното координативно тело составено од наставниот кадар и стручните соработници.
Нашите стратегии ќе се одвиваат во насока на развивање вештини кои се неопходни за децата да станат одговорни членови на заедницата. Ова искуство ќе ни овозможи брзо и успешно да се приспособуваме и да функционираме во новите околности во иднина. Воспоставениот систем на работа ќе продолжи со истиот интензитет како и досега вклучувајќи дополнителни активности преку примена на современи методи на работа - примена на итерактивни табли, поголема имплементација на стекнати вештини и икт вештини во програмата, учество во разновидни проекти прку кои ќе се развива критичкото мислење, иновативност и еколошката свест кај учениците, развивање на здрави навики за раст и развој на децата,унапредување и примена на знаењата во справување со насилство во сите форми, унапредување на работата на училишната библиотека и медијатека, многубројните воннаставни активности и секции, медиумска покриеност на активностите во училиштето со акцент инклузивност и развој на критичкото мислење како моќна алатка која ќе помогне во решавање на училишните задачи но и животните предизвици. Во учебната година имаме високи постигања на учениците во:

- наставата и многубројните воннаставните активности;
- учество и голем број на освоени награди на натпревари, конкурси, турнири;
- активно учество во училишно радио;
- учества во квизотеки;
- час за кодирање- Hour of code;
- учество во проекти (ПМИО проект,, Градиме нови мостови”-ОБСЕ, Еко проекти, проект за развивање на социо - емоционални вештини, etwinning проекти,);
- eTwinning проекти
- Проект „Енергетска едукација за паметна генерација“ ;
- Проект „Селектирање на текстилен отпад“- Тексомак ДОО;
- Проект „Обука за образование за климатски промени“-ЗЕОООП;

- Сплотени градиме отпорна заедница-Превенција од насилен екстремизам;
- Проекти ,,Инклузија на ученици со ПОП" Отворете ги прозорците, како и во партнерство со МКФ ;
- Проект ,,Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка со полиција и другите надлежни служби";
- соработка со Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичка култура спорт и здравје преку учество во проекти ;
- „Енергетска едукација за паметна генерација" – Здружение за унапредување на образование, културата и спортот ЕДУВИЗИЈА;
- стипендисти од проектот„Инклузија на ученици со ПОП";
- соработка со родителите ;
- почитување на правата на децата;

5. Подрачја на промени, приоритети и цели

Во Годишната програма на ООУ„Наум Наумовски Борче" за учебната 2024/2025 година Подрачјата на промени произлегуваат од приоритетите на Самоевалуацијата и целите во Развојното планирање на училиштето, а тоа се:

- Едуцирање (обука) на наставниците- наставникот да знае принципи и стратегии кои кај учениците поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми; да користи разновидни стратегии на поучување кои активно го ангажираат детето во развивањето знаења, вештини и способности;
- Подобрување на условите за учење
- Подобрување на грижата за здравјето на учениците
- Афирмирање на постигањата

Концептот, односно мотото под кое нашиот кадар се води е *„учењето е доживотен процес"*. Во тој контекст нашиот образовен кадар редовно ги следи новините кои се однесуваат во образовниот процес и зема активно учество. Наставниците покажуваат инцијатива и искажуваат потреба за одредени обуки кои им се потребни како поуспешно би ги реализирале наставните содржини, Примена на современи технологии и методи за реализација на наставата согласно новата концепција на образование за креативна и квалитетна настава; за изготвување на квалитетни програми за реализација на воннаставните активности како и за изработка на проекти, апликации и планови; тимска работа и високо ниво на професионална етика. Сите наставници посетија обука од БРО согласно планирањата за професионалниот развој, медиумска култура, користење на е-дневник, интерна десеминација на посетени обуки за работа со деца со ПОП, инклузија, социо-емоционален развој, личен и професионален

развој; користење на веб алатки, Интеркултурна комуникација, принципите на детските права и анти-дискриминацијата, Меѓусебно почитување, разбирање и толеранција помеѓу различните култури, МКФ алатки за деца со ПОП.
Креиран акционен план за подобрување на кооперативното учење помеѓу наставниците и подобрување на работата на стручните активи како и извршени многубројни десеминации или интерни обуки од страна на колегите, креирање на систем на водење за наставниците на следењето и оценувањето на учениците согласно стандардите и критериумите, како и следењето на психосоцијалниот развој на ученикот.
Во однос на приоритетот подобрување на условите за учење е доопремување на кабинетите со наставни нагледни средства согласно стандардите се извршува тековна набавка на нагледни средства (интерактивна табла, лцд проектори, принтер,едукативни игри), и уредување на надворешен училишен сензорно-едукативен простор за учениците со ПОП (цветови за цртање, вештачка трева, зидна плоча Поли-М, Поли М конструктор Л, 150п, падобран за групна игра, акрилно огледало флека, комплет за мини голф, комплет за игра во песок и градина, ѕвончиња за тропкање на ветар и при допир, ограда од квалитетна пластика 8 парчиња, лакови за провлекување, изработка на даски за клупи, расад, семиња, цвеќиња за цветна градина, земја и песок).Исто така го збогативме книжниот библиотечен фонд со лектири, енциклопедии, дополнителна литература за читање, литература за најмалите и стручна литература, училишниот инвентар се репарира, изградба на атлетски патеки и игралишта.Во однос на подобрување на грижата за здравјето на учениците е подобрена безбедноста и функционалноста на движење во училиштето и училишниот двор со поставување на рампа за забрана на возила во училишниот двор освен до паркинг просторот за коли, пристапни патеки до игралиштата, заменет кров на училиштето и училишната сала кој беше оштетен од невремето, хортикултурно доуредување покрај новите атлетски борилишта, набавена современа асистивна технологија во наставата и инклузивни урбани нагледни средства за надворешна употреба, изработен проект за инклузивен надворешнен простор и подигање на степенот на свеста за менталното здравје како и превенција од заразни болести, вируси, здрава исхрана, болестите на зависност и подигнување на степенот на лична и општа хигиена. Обезбедена е исхрана на учениците со топол оброк и ужинка, осигурување на учениците, вработените и опремата. Сите ученици имаат бесплатна ученичка униформа со лого на училиштето обезбедена од општина Гази Баба.
Во однос на обезбедување услови за афирмација на постигањата: обезбеден е простор за работа на ученичката заедница и услови за афирмирање на постигањата и воннаставните активности, систем за евиденција за учество на учениците во натпревари и презентирање на резултатите на учениците пред родителите и локалната заедница. Обновени паноа со нов стиропор и платно. Нивните успеси беа афирмирани преку разгласна станица, интернет страна на училиштето, facebook страна на училиштето, креирани катчиња, муреали за важноста на образованието и писменоста.

6. Акциски планови

Согласно Акцискиот план предвиден во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/25 година беа реализирани низа активности со цел подобрување на условите за реализирање на квалитетна настава и подобрување на условите за престој во училиштето:

- Набавка на нови нагледни средства и асистивна технологија ;
- Реализирани семинари, интерни и екстерни обуки со цел подобрување на наставните практики и потреби за професионален развој на наствниот кадар;
- Репарација на училишен инвентар во училница
- Репарација на паноа во училиштето
- Зголемување на интернет мрежата
- Поставување на мрежа на одвод за атмосферска вода од спортската сала и игралиште со три шахти
- Набавка на нов книжен фонд во библиотека
- Изградба на атлетски борилишта (терени)
- Хортикултурно уредување околу спортските терени и поставување на патеки до нив
- Опремување на кабинети и наставни материјали
- Поставување на заштитни решетки
- Реализација на заеднички и самостојни активности од МИО Проектот;
- Афирмирање на постигањата на учениците;

7.Календар за работа

Работата на училиштето во учебната 2024 /2025 година се одвиваше според календарот за работа:

- Учебната година почнува на 2-ри Септември 2024 година;
- Првото полугодие започна на 2-ри Септември 2024 година;
- Зимскиот распуст започна на 01 јануари 2025 година;
- Второто полугодие започна на 20 Јануари 2025 година
- Наставната година заврши на 10 јуни 2025 година

- Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела;
- Наставата во основното училиште не се изведува за време на државни и други празници утврдени со закон;
- Одбележани се значајни датуми, преку училишни радио (разглас), уредување на училишниот хол, рачно изработени честитки, рачно изработени книги, изработка на брошури, уредувања на пано, отворени настани

8.Реализација на воспитно – образовната работа

Реализација на воспитно – образовната работа во текот на учебната година се одвиваше континуирно според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование со новата концепција до шесто одделение.
Согласно овие програмски документи дејноста на училиштето се остваруваше според следниве воспитно-образовни подрачја: настава, воннаставни активности, проширена програма, додатна и дополнителна настава, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната средина, следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа, стручно и педагошко усовршување на наставниците и стручните соработници. Во текот на учебната година се реализираа вкупно 180 наставни денови. Реализирани се сите наставни часови и содржини во одделенска и предметна настава предвидени за учебната 2024 /2025 година.

Задолжителна настава
Неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во Наставниот план, а целите, содржините, поимите и планираните активности се содржани во наставните програми донесени од БРО .

Планираните часови од редовната настава се реализирани, а со тоа и планираните наставни содржини по сите предмети и во сите одделенија.

Реализирани часови по предмети по паралелки во учебната 2024/25 година - Одделенска настава

Р. б.	Наставни предмети Задолжителни предмет	1а	1б	2а	2б	3а	3б	4а	4б	4в	5а	5б	5в
1	Македонски јазик	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180
2	Математика	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180	180
3	Англиски јазик	72	72	72	72	72	72	108	108	108	108	108	110

4	Ликовно образование	72	72	39	36	36	36	36	36	36	36	36	36
5	Мизичко оброзование	36	36	36	36	36	36	36	36	36	36	36	36
6	Природни науки	72	72	72	72	72	72	72	72	72	72	72	72
7	Општество	36	36	39	36	36	36						
8	Историја и Општество							72	72	72	72	72	72
9	Техничко образ. и информатика(техничко)							36	36	36	72	72	72
10	Физичко образование	108	108	108	108	108	108	108	108	108	108	108	108
	Изборни предмети												
11	Цртање,сликање-изборен 1							36	36	36			
12	оригами-изборен 2							36	36	36			
13	Шах-изборен 1										36	36	36
14	Театарски работилници-изборен 2										36	36	36
	вкупно часови по предмети			798	792								
	Одделенски час			**36**	**36**	**36**	**36**	**36**	**36**	**36**	**36**	**36**	**36**

Реализирани часови по предмети по паралелки во учебната 2024/25 година - Предметна настава

Р.б.	**Наставни предмети Задолжителни предмет**	**6а**	**6б**	**7а**	**7б**	**7в**	**8а**	**8б**	**9а**	**9б**	**9в**
1	Македонски јазик	145	144	147	144	144	144	144	144	144	144
2	Математика	180	186	144	144	145	144	145	146	145	149
3	Англиски јазик	110	108	108	108	108	108	109	108	109	108
4	Француски јазик	72	72	76	73	73	72	75	72	72	72
5	Ликовно образование	36	36	39	36	36	37	39	39	39	39
6	Мизичко оброзование	36	36	36	36	36	36	37	39	36	36
7	Природни науки	108	108								

8	Техничко образ. и информатика(техничко)	21	21								
	Техничко образ. и информатика (информатика)	52	52								
9	Информатика			36	36	36					
10	Географија (И и О)			72	73	72	72	72	72	74	74
11	Историја (И и О)			73	73	72	72	72	72	72	72
12	Етика			36	36	36					
13	Историја и општество(Историја)	62	62								
	Историја и општество (Географија)	36	36								
	Историја и општество (Граѓанско образование)	10	12								
14	Граѓанско образование						36	36	36	36	36
15	Биологија			74	74	74	72	72	73	73	73
16	Физика						72	72	72	74	72
17	Хемија						72	72	72	72	72
18	Иновации								74	36	36
19	Физичко образование	111	108	108	108	111	108	108	110	109	110
	Изборни предмети										
20	игри за разрешување конфликти	36	36								
21	готвење	36	40	40	42	42					
22	Мултикултурни работилници			36	36	36					
23	проекти од информатика						72				
24	нашата татковина										72
25	проекти од муз.умет.								72	72	

26	изборен спорт							72			
	вкупно часови по предмети										
	Одделенски час	37	38	36	37	37	37	37	36	36	36

Задолжителната настава се реализира во две смени.

Наставата за учениците од прво до петто одделение се реализираше во две смени, прва смена од 07.30 часот, втора смена од 12.30 часот. Учениците од шесто до девето одделение следат настава само во прва смена со почеток од 07:30 часот. За учениците од прво до трето одделение е организиран дневен престој, организиран во три групи поради зголемениот број на ученици со потреба за продолжен престој.

Распоред во смени

Час	**I смена**	**II смена**
1.	7:30- 8.10	12:30-13:10
2.	8:15:8:55	13:15-13:55
	Голем одмор	Голем одмор
3.	9:15-9:55	14:15-14:55
4.	10:00-10:40	15:00-15:40
5.	10:45-11:25	15:45-16:25
6.	11:30-12:10	16:30-17:10
7.	12:15-12:55	17:15-17:55

Изборни предмети

Изборните предмети даваат можност учениците да ги прошират и продлабочат знаењата по одделни наставни предмети и да ги развиваат своите способности. Се однесува за секој ученик, а суштината се состои во тоа што самиот ученик врши избор на предмети што ќе ги изучува во зависност од своите потреби и интереси, и според наставниот план доставен од Министерството за образование и наука и Бирото за развој. Учениците преку анкета се изјаснија да ги слушаат следните изборни предмети:

Изборен предмет	**Наставник**	**Одделение**	**Број на часови**
Готвење - Слободен изборен предмет 1	Билјана Дрвошанова	VI А	2
Игри за разрешување на конфликти Слободен изборен предмет 2	Билјана Дрвошанова	VI А	2
Игри за разрешување на конфликти Слободен изборен предмет 1	Даниела Ристеска	VI Б	2
Готвење - Слободен изборен предмет 2	Билјана Антова	VI Б, VII А	4
Мултикултурни работилници Слободен изборен предмет 1	Даниела Ристеска	VII А, VII Б, VII В	6
Готвење - Слободен изборен предмет 2	Даниела Ристеска	VII Б, VII В	4
Проекти од информатика	Маја Станковска	VIII А	2
Изборен спорт	Александра В. Зикова	VIII Б	2
Проекти од музичката уметност	Весна Трајковска	IX А, IX Б	4
Нашата татковина	Катарина Марковска	IX В	2

Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, на барање на ученик, негов родител односно старател или по проценка на наставникот.

Наставниците ја планираат дополнителната настава согласно со потребите на учениците.

Секој наставник ќе води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел детектирање причини за слабиот успех кај учениците.На месечна основа се изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и се објавува на огласна табла и на интернет страница.

Реализирани часови од Дополнителна настава – одделенска настава

ПРЕДМЕТ	**I а**	**I б**	**II а**	**II б**	**III а**	**IIIб**	**IV а**	**IV б**	**Vв**	**V а**	**Vб**	**Vв**
Македонски јазик		/	14	14	17	14	12	12	12	8	8	8
Математика			14	14	13	12	15	18	18	8	8	8
Англиски јазик						4	3	2	2	6	6	6
Природни науки			2	2	5	4	3	2	2	4	4	4
Ликовно обрзование			1	1								
Музичко образование			2	2								
Општество			3	3	1	2						
Историја и Општество							2	2	2	6	6	6
Техничко образ. и информатика				1			1			4	4	4
Физичко и здравствено образов.			1									

Реализирани часови од Дополнителна настава – предметна настава

ПРЕДМЕТ	**VI а**	**VI б**	**VII а**	**VII б**	**VII в**	**VIII а**	**VIII б**	**IX а**	**IX б**	**IX в**
Македонски јазик	**6**	6	6	6	6	5	5	6	6	6
Математика	**6**	6	6	6	6	6	6	6	6	6
Англиски јазик	6	6	5	2	2	6	6	5	6	5
Француски јазик	**3**	3	5	4	4			4	4	4
Ликовно образование	**1**			1	1	2	2	2	1	2
Мизичко оброзование	**3**	3	4	2	2	3	3	4	2	4

Природни науки	**5**	5								
Техничко образ. и информатика	2	2								
Информатика (ТО и И)	4	4	6	6	6					
Географија (И и О)	1	1	4	3	3	3	3	4	3	4
Историја (И и О)	3	3	4	4	4	4	4	4	4	4
Етика										
Граѓанско образование(И и О)	1	1								
Биологија			4	3	3	4	4	4	3	4
Физика						6	6	4	6	4
Хемија						3	3	4	3	4
Иновации								3	3	3
Физичко образование										
Изборни предмети										
Проекти од музичка уметност								2		
вкупно часови по предмети										

Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети.
Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици кои во текот на целата година покажуваат значајни резултати. Преку додатната настава се овозможува стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари. На месечна основа се изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и се објавува на огласна табла и на интернет страница.

Реализирани часови од Додатна настава – одделенска настава

ПРЕДМЕТ	I а	I б	II а	II б	III а	IIIб	IV а	IV б	IVв	V а	Vб	Vв
Македонски јазик			12	11	11	11	8	11	11	9	9	9
Математика			12	10	12	9	10	14	14	8	8	8
Англиски јазик			2	2		4	4	2	2	6	6	6
Природни науки			8	8	10	8	5	5	5	4	4	4
Ликовно обрзование				3			2	1	1			
Музичко образование												
општество			2	2	2	4						
Историја и Општество							5	3	3	5	5	5
Техничко образование и информатика							2			4	4	4
Физичко и здравствено образование												

Реализирани часови од Додатна настава – предметна настава

ПРЕДМЕТ	VI а	VI б	VII а	VII б	VII в	VIII а	VIII б	IX а	IX б	IX в
Македонски јазик	**6**	6	6	6	6	5	5	6	6	6
Математика	**6**	6	6	6	6	6	6	6	6	6
Англиски јазик	6	6	5	2	2	6	6	5	6	5

Француски јазик	**3**	3	5	4	4			4	4	4
Ликовно образование	**1**	1	2	1	1	2	2	2	1	2
Мизичко оброзование			4		4	3		4		4
Природни науки	**5**	5								
Техничко образ. и информатика	2	2								
Информатика (ТО и И)	4	10	5	10	5					
Географија (И и О)	1	1	4	3	3	3	3	4	3	4
Историја (И и О)	3	3	4	4	4	4	4	4	4	4
Етика	1	1								
Граѓанско образование(И и О)										
Биологија			4	3	3	4	4	4	3	4
Физика						6	6	5	5	4
Хемија						3	3	4	4	4
Иновации								3	3	3
Физичко образование										
Изборни предмети										
Проекти од музичка уметност								2		

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици

Во соработка со Стручните соработници, наставниците континуирано ги следеа учениците и со помош на инструменти ги идентификуваа надарените ученици. Наставниците работеа со учениците на согласно програмата за надарени ученици, часовите по додатна настава и воннаставни активности, како и на подготовката за натпревари од конкретни наставни предмети и во зависност од интересот на учениците. Училиштето ги реализираше планираните активности во рамки на Програмата за работа со надарени и талентирани ученици.

Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби

Во нашето училиште има вкупно 23 ученици со посебни образовни потреби и едукативни потешкотии. Секој од овие ученици работи според насоки добиени за видот на поддршката од стручно тело за функционална процена МКФ и ЗМЗ. Од вкупниот број на ученици со ПОП и едукативни потешкотии 12 ученици работат по ИОП ,6 ученици се со општа поддршка ,1 ученик работи по модифицирана програма и 4 ученици се со индивидуален пристап и поддршка во наставата.Во соработка со ОУ со ресурсен центар„ Иднина“ има обезбедено 7 образовни асистенти за 7 ученици согласно препораките на стручно тело за функционална процена МКФ. Дел од барањата за образовна асистенција тековно се реализираат согласно добивањата на наод и мислење од стручно тело за функционална процена МКФ.

Употреба на ИКТ во наставата

Новите услови согласно новата концепција на образование наметна усвојување современи ИТ вештини и интензивна употреба на ИКТ во усвојување на наставните содржини, истражувачки, проектни и други активности поврзани со воспитно-образовниот процес.

Извештај од Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и стручните соработници - педагог, психолог и социолог. Ова следење е планирано во нивните програми за работа. Со овие стандарди се одредува динамиката и карактерот на следењето и вреднувањето. Термините на посета на наставните часови беа флексибилни и се определуваа и согласно пројавените потреби и проценки на Комисијата за следење и унапредување на наставно-воспитниот процес. Секој наставник е посетен и е вреднувана неговата работа најмалку четири пати во годината или еднаш во секое тромесечие, беше следено организација и тек на часот, планирањето и изведбата, комуникацијата на наставниците, создавање на безбедна и стимулативна средина во училница и следењето и оценувањето од страна на наставникот за време на наставата. Оваа година имавме и стручна посета од советниците од БРО кои дадоа оценка за високо ниво за училиштето и квалитетот на работата на наставниот кадар и беа посетени и оценети наставниците согласно критериумите за оценување на наставен процес за наставникот од страна на БРО.

Проекти кои се реализираат во училиштето

- Проект „Енергетска едукација за паметна генерација“;
- МИО проект – ,,Градиме нови мостови“,
- Проект „Селектирање на текстилен отпад“- Тексомак ДОО;
- Проект за инклузија на деца со ПОП „Отворете ги прозорците“
- Проект „Обука за образование за климатски промени“-ЗЕОООП;
- Проект ,,Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка со полиција и другите надлежни служби”;
- Проект МИО;
- Проект „Енергетска едукација за паметна генерација“ – Здружение за унапредување на образование, културата и спортот ЕДУВИЗИЈА;
- Спортски проекти, соработка со Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичка култура спорт и здравје преку учество во проекти;
- eTwinning проекти
- Сплотени градиме отпорна заедница - Превенција од насилен екстремизам;

Воннаставни активности

Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „Наум Наумовски - Борче 2014“ – Скопје е основан на 11.11.2014 година. Одговорни наставници се Дејан Боневски и Александра Војнеска Зикова. Активностите на училишниот спортски клуб се одвиваат во периодот од септември до мај во спортовите: одбојка, фудбал, кошарка, ракомет и атлетика и се вклучени ученици од VI до IX одделение, а за шах се вклучени ученици од I - IX одделение. Финасирањето на училишниот спортски клуб согласно Законот за основно образование член 43може да биде од доброволни прилози, донации, подароци, завештанија и легати. Исто така

училишниот спортски клуб може да добива средства и од буџетите на општина Гази Баба. Активностите училишниот спортски клуб и нивната реализација ќе бидат следени и евалуирани од тим од Федерација на училишен спорт на Македонија.

Секции/Клубови

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.

Функционирањето на секциите/клубовите во училиштето ќе ја поттикнува и негува детската љубопитност и нивните сознајни способности, ќе овозможи доследност, истрајност и самостојност во извршување на задачите и мотивираност да се афирмираат себеси. Планирањето и реализацијата на секциите/клубовите ќе се реализираат според насоките дадени во Концепцијата за воннаставни активности.

Во училиштето функционираат следниве секции: кошарка, фудбал, хор, оркестар, драмска и литературна секција, информатичкаклуб за кодирање, биолошка, еколошка, музичка, ликовна, историска, граѓанско образование, географска, хемиска, млади физичари, млади библиотекари, сообраќајна, современ балет, ритмичко-рецитаторска, клуб на математичари “Питагора”, шаховска и секција по странските јазици кои работат според програми за работа.

Одговорниот наставник го планира и начинот на континуирано следење на учениците-учесници во секцијата. За време на реализацијата на секцијата наставникот: ја следи и ја бележи редовноста на секој вклучен ученик; ја следи ангажираноста на секој вклучен ученик за време на активностите; и го следи и го вреднува напредокот на секој вклучен ученик во стекнувањето на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со целите на секцијата.

Акции

Во рамки на краткотрајни воннаставни активности во текот на учебната година, училиштето планира организирање на акции од општествен, хуманитарен и друг карактер, како што се на пример различни еколошки акции, хуманитарни акции, волонтерски активности и друг вид на општествено корисна работа. Одбележување и хуманитарна акција,, Денови на гладта”

Оваа година согласно проектот за Инклузија со посебни потреби се организираше повторно Фандрејзинг настан под мотот „Едно сонце за сите“-со цел уредување на истражувачко тактилно визуелно катче.

Преглед за учество на учениците на разни манифестации, конкурси, проекти во учебната 2024/ 2025 година

Организатор на настанот	**Носител и учесници (Нас. учен. Одд.)**	**Освоена награда I,II,III место**	**Ниво (Опш.рег. држ.меѓ.)**	**Вид на настан (Конкурс, маниф.)**	**Дата**	**Доказ (Дипл.приз.**
ООУ„Наум Наумовски Борче“	5а, 5б,1а,1б,		Училишен	Свечен прием на првачињата во училиште - учество	02.09.2023	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	5а,5б,2б		Училишен	Приредба по повод прием на првачињата во Детската организација	06.10.2023	
ООУ„Наум Наумовски Борче“ Фандрејзинг настан поддржан од Детската Фондација Песталоци	Наставници, ученици, родители,1а,1б,3а,		/	Хуманитарен настан за собирање средства„ Играј со мене“ - од проектот Инклузија со посебни образовни потреби„ Отворете ги прозорците“	15.10.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Наставник ученици 2б,3а,5в ,5а,5б,		Училишен	Месец на книгата на тема Волшебната моќ на книгата Училишен конкурс	15.10-15.11.2024Во тек	благодарница
"Наум Наумовски Борче". (библиотека)	Ученици 5б,5в,5а Бојана Милошевска		Во тек	Училишен литературен конкурс за месецот на книгата Литературна творба	15.11.2024	диплома
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Маја Станковска Ученици Одд. наставници			Одбележување на Светски ден на Мир -21 септември Заеднички активности со ООУ„Васил Главинов“ и ООУ„Тефејуз“	20.09.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а,1б,			Одбележување на Светскиот ден на учителот-5 ти Октомври	04.10.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а,1б,			Приредба по повод членството на првачињата во Детската организација	10.10.2024	

ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а, 1б,			Активности по повод Светскиот ден на храната 16 Октомври-здрава храна, здрав живот	16.10.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а,1б,			Активности по повод Денот на јаболкото 20 Октомври – важноста за редовно конзумирање за нашето здравје	21.10.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а,1б,5а,			Да го прославиме роденденот на Скопје -Реферат по повод 13 Ноември	13.11.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенска настава 1а,1б, Дефектолог			3 декември -меѓународен ден на лицата со попреченост	03.12.2024	
Театар Чекори -Автокоманда – Гази Баба	Одделенка настава 1а,1б,			Присусвтво на новогодишна претстава.	26.12.2024	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Ученик 4б,			Светскиот ден на детето – 20 Ноември преку изработки, манипулативи, правење алки за откривање броеви , логички игри	20.11.2024	
Театар за деца и младинци	Ученик 4б,			театарска претстава „Гига Мега - Бајка “	6.11.2024	
општина Гази Баба	Анастасија Стефановска	диплома	општински	Учество на ораторска средба	23.12.2024	диплома
Училишна манифестација „Мој талент“	Ученик бб,5в,5б,5а,				27.12.2024	благодарница
Домот на култура ,,Димитар Влахов" во Автокоманда,	Одделенска настава 1а, 1б			Манифестација- Отворена сцена Театар ,,Чекори" организира новогодишна претстава.	27.12.2024	
Противпожарен ликовен конкурс	Ученици 5в,5а,5б,	/			20.12.2024	

53th International Children's Exhibition Of Fine Arts Lidice 2025, Czech Republic	17 ученици			Меѓународен ликовен конкурс	26.12.2025	Пријавен лист заверен во архива на училиштето
Igraj se zmano, Slovenija	11 ученици			Меѓународен ликовен конкурс	26.12.2025	

Противпожарен сојуз на Град Скопје	8 ученици			Градски ликовно литературен конкурс	20,12,2024	
Одбележување на ,,Светскиот ден на батеријата,, - собирање на батерии	1а,1б			Меѓународниот ден за отпадни батерии - манифестација	18.02.2025	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	1а,1б,			Одбележување на Ден на Екологијата , Ден на пролета,	27.03.2025	
Светски ден за борба против ракот	1б			манифестација	04.02.2025	
Светски ден на мајчиниот јазик	1б			манифестација	21.02.2025	
Фолклоника натпревар во ликовни творби и пеење Доделување на награди во ООУ„Вера Јоциќ“	Бојан Панов Дина Панова Ева Божиновска Сара Ристеска Дамјан Караташов	3 1 3 2 специјал на награда		Ликовен конкурс Пеење Пеење пеење инструментална изведба.	21.02.2025	сертификати
Противпожарен Сојуз на Град Скопје и освои	Ученик Даријан Младенов и наставник	прва наград	Град Скопје	ликовен конкурс	27.02.2025	сертификат
8 март – Меѓунар оден ден на жената	1б			манифестација	08.03.2025	

17 март – Светски ден на лицата со посебни потреби	1б			манифестација	17.03.2025	
22 март – Светски ден на водата	1а,1б			манифестација	22.03.2025	
Проект „Детска патувачка фолк библиотека во Гази Баба“	Мелани Игновска	2		Фолконика	22.02.2025	
Фолклоника натпревар во ликовни творби и пеење	Бојан Панов Дина Панова Ева Божиновска	3 награда 1 награда 3 награда		Ликовен конкурс Пеење пеење	21.02.2025	диплома диплома диплома
Училишен Литературен конкурс „ПИ ДЕН“	Дина Панова	1 награда		Литературен конкурс	14.03.2025	диплома
Актив на математичари Маја Д.Б.,Билјана В. Валентина К.	Актив на математичари/ ученици од 6-9 одд	1/2/3 награда	училишен	Манифестација/настан Ден на бројот ПИ	14.03.2025	дипломи и/ благодарници
Противпожарен Сојуз на Град Скопје	Ученик Даријан Младенов освои прва награда.	/	Град Скопје	учество на ликовен конкурс	27.02.2025	сертификат
Доделување на награди во ООУ„Вера Јоциќ“ од страна на Фолконика	Ученици Сара Ристеска и Дамјан Караташов	2 награда специјална награда	Фолконика	за пеење за инструментална изведба.	21.02.2025	сертификат
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а			Одбележување на Ден на Екологијата , Ден на пролета,	27.03.2025	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а			Ден на Земјата“ (22.04) Образување за важноста на заштита на животната средина	22.04.2025	

ООУ„Наум Наумовски Борче“	Одделенка настава 1а,1б			Хуманитарен настан ,,Едно сонце за сите,,	15.05.2025	
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Дина Панова	1 награда		Литературен конкурс,,Денови на екологија,,Конкурс од општина Литературна творба	05.06.2025	диплома
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Актив Прво одделение 1а, б			Приредба за родители под мото,, Првото ѕвонче не се заборава,	05.06.2025	
СДМЈЛ	Марко Јовановски Јован Димов	диплома	региона лен	Учество на рецитаторси натпревар	17.05.2025	диплома
ООУ„Наум Наумовски Борче“	Јован Димов			Литературен конкурс Екологија	05.06.2025	

Годишен извештај за Реализирани еколошки активности во ООУ„Наум Наумовски Борче” учебна 2024/25 г.

Според анализата направен е план на активности во кои се вклучени точките за акција од еко-стандардите на кои се стави акцент во учебната 2024/25 година.За подобра едукација на учениците извршено е планирање на настава со ЕКО содржини кои што ги опфаќаат сите точки од еколошката едукација (еколошките стандарди): штедење на вода ,штедење на електрична енергија,уредување на дворот,уредување на училишната зграда.За “Еколошка едукација на ученците” во сите програми по сите наставни предмети се предвидени ЕКО содржини.За учебната 2024/25 година е избран приоритетен ЕКО-стандардот

“Рационално користење на електричната и топлинската енергија” „Уредување на училишната зграда и училишниот двор“. За таа цел се извршени бројни активности со поставување на ученички трудови и презентации на учениците на видно место во училниците и помошните училишни простории во училишната зграда.

Еко активностите во текот на учебната 2024/25 година беа следните:

На 19.09.2024 година учениците од VI Б одделение учествуваа на презентација од проектот „Енергетска едукација за паметна генерација“ кој се реализира од Здружението за унапредување на образованието, културата и спорт ЕДУВИЗИЈА. Проектот е поддржан и финансиран од општина Гази Баба.

Анализирајки ги образовните програми во нашите Основни училишта - дојдовме до основниот проблем на кој што треба да се работи, а тоа е недоволната едукација и минималната застапеност во образовните програми за климатските промени.За таа цел здружението ЗЕОООП започна да реализира едукативен проект кој е поддржан и финансиран од Општина Гази Баба, со акцент на темата: КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ .

На ден (25.9.2024 г.), во просториите на ООУ „Наум Наумовски Борче“, Општина Гази Баба беше реализирана обука за образование за климатски промени со цел промовирање на проектот „Од нас зависи“, кој е финансиски поддржан од буџетот на Општина Гази Баба. Целта на проектот е да се реализираат низа активности поврзани со климатските промени кои ќе имаат директно влијание на квалитетот на живот и ќе ја подобрат состојбата во животната средина преку едукација, обука, отворени часови и спроведување анкети кај целните групи на однапред подготвени теми, здружени акции, акции со голем визибилитет. На почетокот од обуката, Александра Петровска, претседателка на здружението ЗЕОООП (Здружение за значење на еколошкото образование во осовременување на образовниот процес), им се обрати на присутните претставувајќи им ги планираните активности за целиот проект. Пред сè, таа срдечно ја изрази својата благодарност до Општина Гази Баба која даде финансиска поддршка на здруженија и фондации од образовен и културен карактер. Исто така, ѝ се заблагодари и на Светлана Петровска, директорка на ООУ „Наум Наумовски Борче“, за успешно воспоставената соработка.
На обуката беа присутни дел од наставниот кадар на ООУ „Наум Наумовски Борче“, како и ученици од таргетираното училиште. Обучувач на настанот беше м-р Арсенија Дејаноска Сарагинова, магистер по менџмент на човечки ресурси, адвокат, сертифициран обучувач за обуки, како и еден од основачите на здружението ЗЕОООП. Со свое стручно излагање на настанот се обрати Арсенија која потенцира дека образованието е еден од клучните одговори за да се намали и превенира штетата. Општо е прифатено дека квалитетното образование е основно човеково право и темел на општествено - економскиот развој. За да може секоја индивидуа, а особено младите, да се справат со глобалните предизвици (меѓу кои се и последиците од климатските промени, но и воведувањето на т.н. зелени технологии) потребно е да располагаат со знаења, ставови, вештини и компетенции кои ќе соодветствуваат на современите барања на нивниот личен и професионален живот. Затоа, потребно е образовните системи да се реформираат и да се усогласат со барањата на економијата базирана на знаење со цел да им се овозможи на луѓето развивање такви компетенции кои во текот на целиот живот со соодветна надградба ќе им гарантираат сигурна основа за пристоен живот и работа.
Образованието за климатски промени (ОКП) ги објаснува климатските промени и им помага на учесниците во образовниот процес да ги разберат причините и последиците од истите, додека истовремено ги подготвува да живеат со влијанијата од климатските промени и ги охрабрува да преземат соодветни мерки со цел да водат поодржлив начин на живот. Најчесто, овој вид на образование се дели на два дела: образование за ублажување на климатските промени и образование за адаптација на последиците од климатските промени.

КОГА е потребно образование за климатски промени?

Одговорот на ова прашање е едноставен. ВЧЕРА, ама бидејќи вчера многу малку направивме, тогаш ДЕНЕС и СЕГА ВЕДНАШ. Бидејќи УТРЕ ќе е касно...

На крајот на овој едукативен настан Учениците ги претставија своите груни израбоки и со истите украсија дел од училишните зидови. Исто така сите присутни имаа прилика да се вмрежат со цел за идни заеднички соработки.Присутните членови се стекнаа со подобрени капацитети за застапување и мобилизација за прашања поврзани со Климатските промени, како и практични вештини кои ќе се пренесат меѓу учениците, наставниците, родителите и локалното население.

Онлајн дискусија на тема климатските промени и образованието, со осврт на резултатите и препораките од првата сеопфатна анализа за вклученоста на оваа проблематика во македонскиот образовен систем базирана на двата сегмента од образованието: - анализа на формалниот образовен сектор (онлајн истражување на достапните наставни програми од предучилишно, основно и средно образование (и дел од достапните учебници), како и на студиските програми од акредитираните високообразовни институции);

- анализа на неформалниот образовен сектор (верификувани програми на Центарот за образование на возрасни и преглед на дел од понудата на обуки и тренинзи поврзани со предметната проблематика на невладините организации).

Главните коментари во текот на дискусијата се однесуваа на можностите за вклучување на оваа проблематика во новата концепција на образованието, потребните технички капацитети во училиштата и обученоста на професорите кои би биле вклучени во овој процес. Исто така беше истакната неопходноста на поврзувањето со националната економска програма за реформи. Согласно проектот „Од нас зависи" наменет за ООУ„Наум Наумовски Борче" кој е поддржан од Општина Гази Баба, започна вториот дел од активностите во кои учениците со помош на родителите, а по дадени насоки од наставниците преку здружени акции го одбележаа светскиот ден без автомобили 22-ри Септември.

Под мотото „Да го видиме градот Скопје пеш и на педали“се говореше за неопходноста од забрана или ограничување на бројот на возила кои влегуваат во градот на дневно ниво со цел да се намали сообраќајот со што директно ќе се влијае на квалитетот на воздухот.

-Треба да се обезбеди форми на субвенции и поддршка на фирми кои користат одржливи форми на транспорт (на пример, пошта, испорака на храна или форми кои користат одржливи извори на енергија и друго).

-Континуирано да се работи на јавната свест кај учениците во користење на одржливи форми на транспорт (велосипед, автобус, тротинет или пешачење) и на подигнување на јавната свест за безбедност во сообраќајот.

➡️За таа цел учениците изработија пораки, плакати, хамери и други интерактивни нагледности кои ги поделија меѓу своите врсници и истите ги презентираа во вон наставна активност, но и ги споделија на менаџерскиот тим од училиштето каде што беа срдечно пречекани и поздравени со поддршка за уште повеќе вакви здружени акции.

На 4-ти октомври здружението ЗЕОООП, согласно проектот "Од нас зависи" организираше Детски натпревар во цртање за децата/учениците од ООУ "Наум Наумовски Борче".
Идејата на овој натпревар беше да ја вклучиме помладата генерација во борбата против климатските промени, да ја подигнеме нивната свест кога станува збор за еколошките прашања и да ги поттикнеме да размислуваат повеќе за тоа како сите ние можеме да дадеме најдобар придонес кога станува збор за подобар живот во светот, градот и населбите во кои живееме.
Важноста на живеењето во поздрава средина најдобро може да се научи во најраните години. Тоа е време кога се развиваат навиките на луѓето, а спроведувањето на овие добри навики во однесувањето на децата, додека тие растат, е најдобриот начин да се постигне целта за да живееме во поздрава средина во иднина.
Да ја промениме иднината преку ангажирањето на најмладите. Оваа планета во иднина ќе се потпира на нив. Да им покажеме на сите дека се грижиме.

III-А одделение го одбележа Светскиот ден за заштита на животните со цртежи со цел зајакнување на свеста за заштита на животните, со цел да ги почитуваме, заштитиме и да им помогнеме на животните. Преку цртежот покажаа љубов кон животните.
На 02.10.2024 година учениците од VI Б одделение го посетија Изложбениот центар Матка во рамки на проектот „Енергетска едукација за паметна генерација“ кој се реализира од Здружението за унапредување на образованието, културата и спорт ЕДУВИЗИЈА. Учениците преку современи интерактивни методи можеа да научат повеќе за енергијата, нејзината историја, производство, пренос и користење.

10 ти Октомври е денот кога се одбележува Менталното здравје. Во последно време многу

често се споменува Менталното здравје, но што всушност значи тоа.

Добро ментално здравје е кога се чувствуваме убаво, кога се чувствуваме добро и среќно!
По тој повод членовите на ученичкиот парламент иницираа активност "Кутија на убави зборови".
Нека завладее заразата на Среќа во нашето училиште!!!
Да бидеме ние промената што сакаме да ја видиме!!!
Го одбележавме 16 ти октомври светскиот ден на здравата храна.

Да се потикнат децата да ја препознаваат и конзумираат здравата храна која е од особено значење за нивниот правилен раст и развој .
Стекнување навики за правилна исхрана и водење здрав начин на живот.

На 15.10.2024 година беше реализиран Фандрејзинг настан "Играј со мене"-со хуманитарен карактер и премиерна училишна претстава “ Волшебната прегратка” во придружба на училишниот хор - за уредување на надворешен училишен сензорноедукативен простор за учениците со посебни образовни потреби, за иновативна и интерактивна околина што обезбедува различни сензорни искуства и стимулира развој на децата, особено на оние со попречен развој или различни сензорни потешкотии. Овој настан е имплементиран од Здружението за асистивна технологија " Отворете ги прозорците" , а финансиски поддржано од Детската фондација" Песталоци".

Светски ден на јаболкото

По повод светскиот ден на јаболкото во I - а и I - б одделение се организираа неколку активности:

- Сите ученици својата креативност ја искажаа со боење на јаболки во кошница
- Едно јаболко на ден и здрав ќе бидеш како дрен – дегустација на јаболки

На ден 11.11.2024 година во нашето училиште се одржа работилница на тема „Селектирање на текстилен отпад“ организирано од Тексомак ДОО колективен постапувач на текстилен отпад. На работилницата беа присутни ученици од IV и V одделение. Учениците се запознаа како може да го селектираат и повторно употребат текстилниот отпад во секојдневниот живот. Учениците уживаа во изработувањето на најразлични креации,побудувајќи ја фантазијата на модните креатори.

На 12-ти ноември се одржа последната работилница од проектот „Енергетска едукација за паметна генерација“ во соработка со Здружението за унапредување на образованието, културата и спортот- Едувизија. Учениците од VI одделение моделираа 3D еко град на платформата CoSpaces Edu и на крајот заслужено добија сертификати.

На 27-ми ноември III а одд ја посети аптеката Зегин со цел проширување на знаењата унапредување на здравјето.

Традиционално со почеток на пролетта на 27 март 2025г. се спроведоа Еко активности со цел подигнување на свеста за важноста во континуирано одржување на здрава и чиста животна средина.

На 9.05.2025 се одржа глобален еко час со учениците од нашето училиште.Целта беше развивање на еко свеста кај учениците преку практични активности-експерименти кои беа реализирани .

На 10.05.2025 год во V-а V-б и V-в одделение се одржа обука на тема ,,Здрава храна -здрави деца,,спроведена од Здружението за советување,обука и заштита на животната средина.Проектот е одобрен и е во соработка со Општината Гази Баба.

На 20 мај 2025 год. во рамки на проектот за меѓуетничка интеграција, нашето училиште беше домаќин на учениците и наставниците од партнерското училиште ООУ „Васил Главинов“ – Чаир.

Заедно создадовме едно прекрасно искуство – еколошка работилница за садење растенија, каде преку тимска работа, емпатија и взаемно почитување, учениците ни покажаа како се гради поубава и позелена иднина – за сите.

По работилницата, продолживме со уште една хумана мисија – хуманитарен настан за собирање средства за дидактички материјали наменети за поддршка на учениците со посебни образовни потреби.

Овој настан е пример како преку заеднички активности се создаваат пријателства, се рушат бариери и се гради иднина полна со разбирање и почит.

На еколошки конкурс „Денови на пролетта - Денови на екологијата“,учениците од 4-в одделение учествуваа за избор на цртеж, состав, расказ или стихотворба на тема екологија.

Ученичката Дина Панова од 4-в одделение под менторство на наставничката Сања Груева , ја освои ПРВАТА НАГРАДА ,во категоријата најубав расказ,стихотворба.

Координатор Билјана Велјаноска

Еко час по повод Генералка викенд – 9 мај 2025

На 9 мај 2025 година, нашето училиште се вклучи во националната пролетна акција за чистење „Генералка викенд“, со спроведување на активности во рамки на иницијативата Еко час, организирана од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, со поддршка од УНИЦЕФ и Шведска.

Во акцијата учествуваа ученици од сите одделенија, предводени од одделенските и предметните наставници. Активностите се реализираа во училниците и училишниот двор, според предложените едукативни и практични содржини од прирачниците. Учениците учествуваа во чистење на училишниот двор, еко-квизови, едукативни игри и креативни работилници за заштита на животната средина. Целта на активноста беше да се поттикне еколошка свест и одговорност кај учениците преку практично учење и тимска работа.

Извештај од воннаставна активност по музичко образование „Јас имам талент / Покажи што знаеш“

На 20.12.2024 година, во рамките на проектните активности по предметот Проекти од музичката уметност, се одржа манифестацијата „Јас имам талент, покажи што знаеш“ (12 години по ред). Целта на манифестацијата е учениците да ги покажат своите способности согласно индивидуалните афинитети и интереси, определба и сензибилитет во пеење, свирење, танцување. Раното откривање на талентираните ученици преку непосредни контакти и аудиции, овозможува поттикнување на нивниот развојот и овозможува надарените / талентирани ученици да го збогатат музичкото искуство. Преку воннаставните активности по музичко образование се создаваат работни навики кај малите уметници: упорност, истрајност, посветеност, одговорност, дисциплина, ослободеност од предрасуди, се буди имагинацијата со која се развива креативноста. Навики кои се клучни за постигнување на врвни резултати во професионалниот развој на личноста, во било која област.

Учество земаа ученици од II до IV одд. Според бројот на пријавени ученици, манифестацијата се покажа како интересна, возбудлива и успешна во нејзиното реализирање. Активностите беа следени и вреднувани на часот Проекти од музичка уметност. Веднаш после настапите беше организиран јавен настап на најуспешните учесници пред своите соученици.

Одговорен наставник:Весна Трајковска

Извештај од реализацијата на програмата за антикорупциска едукација на учениците

Извештај – Антикорупциска едукација на ученицитево учебната 2024/2025 година

Согласно Годишната програма за работа на ООУ„Наум Наумовски-Борче“ Гази Баба- Скопје, и Програмата за антикорупциска едукација на учениците се реализираа низа активности во второто полугодие во учебната 2024/2025 година.

Целите на програмата во целост се постигнати, учениците се запознаа со корупцијата како штетна општествена појава која ги нарушува темелните демократски вредности, односно ги загрозува човековите права, стабилноста и напредокот на државата.

За постигнување на целите се реализираа активностите согласно акцискиот план за антикорупциска едукација на учениците:

- Спроведен анкетен прашалник за испитување на предзнаењата за корупција на учениците од VII одделение.
- Одржана работилница за формите на корупција и причини за нејзино појавување со учениците од VIII одделение.
- Одржана работилница „Борба против корупцијата“ со учениците од IX одделение.
- Одржана работилница „Механизми за спречување на корупција“ со учениците од VII одделение.
- Изработка на постери и пораки против корупција со учениците од VII одделение.
- Работилница за „Причини и последици од корупцијата“ со учениците од IX одделение.
- Работилница за борба против корупција со игра на улоги со учениците од IX одделение.
- Работилници „Моите одговорности и преземање одговорност за постапките„ со учениците од VII, VIII и IX одделение.
- Во текот на месец јуни се спроведе анкетен прашалник за испитување на стекнатите знаења на учениците за корупција и антикорупција.

Изготвил: Ана Петровска, наставник по Граѓанско образование

Извештај од спроведени активности за Европската недела на кодирање-2024 во ООУ„Наум Наумовски Борче“

Неделата на кодирање (EU Code Week 2024) е иницијатива поддржана од Европската Комисија, истата е лансирана за првпат во 2013-та година и има за цел зголемување на дигиталните вештини во Европа.

Оваа година, во периодот од 14-ти до 27-ми Октомври се одржа „Европската недела на кодирањето“, во рамките на која се осмислуваат настани, се избираат теми и активности со цел промовирање на програмирањето и развивање на дигитални

вештини кај учениците на забавен начин. Нашето училиштето и оваа година се вклучи во иницијативата преку работилница во blocklygames.com - со која учениците преку блоковско програмирање се запознаа со основните концепти на програмирањето и работилница во Mit App Inventor- со кој учениците се запознаа со работната околина на Mit App Inventor и ја креираат својата прва мобилна апликација. Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај од реализирана активност час за кодирање- Hour of code

Hour of code е светски настан кој се одржува во период од 9 до 15 декември 2024 година. Нашето училиште активно учествуваше со организирање на Hour of code на платформата code.org. Учениците од VI одделение на забавен начин ја реализираа активноста- AI for Oceans преку која учеа како вештачката интелигенција и машинското учење можат да се користат за решавање на светски проблеми.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај од учество на Ученичка квизотека

Во организација на ДКЦ „Карпош“ нашето училиште учествуваше на Ученичка квизотека. Ученичките Петра Толева, Јована Денковска и Кјара Спасовска од VIII-а одделение го сочинуваа тимот кој го претставуваше нашето училиште и стигна до полуфинале.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај од спроведениот електронски натпревар Дабар-2024

Здружението на информатичарите на Македонија го организира интернационалниот натпревар ДАБАР во Р. Македонија со цел промовирање на информатиката и алгоритамското размислување кај учениците од основното и средното образование. Натпреварот Дабар оваа година се одржа во периодот од 4 до 8 ноември преку пристапување на talent.mk. Учениците на електронскиот натпревар решаваа 12 задачи со различно тежинско ниво. На електронскиот натпревар Дабар учествуваа 177 ученици од I до IX одделение.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај од etwinning проекти Во училиштето се реализираат неколку Etwinning проекти (Go green and save the planet, Taking care of our body and soul, Games with Scratch, DREAM: Digital Rights and Engagement for Active Managment..) кои започнаа со реализација во октомври/ноември и ќе продолжат со реализација во второто полугодие. Во рамки на Etwinning проектите учениците работат на активности преку истражување на различни теми и ги развиваат своите дигитални вештини преку работа во различни дигитални алатки, соработуваат и комуницираат со ученици од други земји (Турција, Италија, Романија, Шпанија, Полска, Хрватска, ...) и ги подобруваат јазичните и интеркултурни компетенции.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај од предавање од Народна банка

На 25.10.2024 година, 22 ученици од VI и VII одделение учествуваа на онлајн предавање организирано од Народната банка на Република Северна Македонија. Оваа активност беше дел од иницијативата за финансиска едукација, со цел да се поттикне свесноста и да се подобрат вештините за управување со личните финансии кај младите.

На предавањето учениците се запознаа со улогата на Народната банка и комерцијалните банки, историјата и значењето на парите, видовите пари со посебен акцент на македонските денари, нивното воведување, процесот на нивно производство и обележјата што ги прават уникатни како и улогата на Народната банка во контрола на количината на пари во оптек. Учениците, исто така, научија за важноста на штедењето и како тоа придонесува за финансиска стабилност.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај за реализирани активности за одбележување на Денот на мирот во ООУ„Наум Наумовски Борче“

Одбележувањето на Меѓународниот ден на мирот има за цел да ги едуцира и поттикне учениците да размислуваат за значењето на мирот и ненасилството. Меѓународнит денот на мирот беше успешно одбележан со разни креативни и едукативни активности кои помогнаа учениците да ја разберат и прифатат идејата за мирот како основна вредност. Со учество на сите ученици и наставници преку креативни и едукативни активности, учениците од ООУ„Наум Наумовски Борче“ беа охрабрени да ја развијат својата свест за важноста на мирот.

Во периодот од 16-20 септември беа реализирани повеќе активности:

- учениците од I-V одделение реализираа работилници на кои разговараа за мирот и изработија цртежи и хамери кои го симболизираат мирот.
- учениците од IV и V подготвија ритмичка точка за песната Дајте раце која праќа силна порака за мир.

- Учениците од VI-IX одделение реализираа панел дискусии на тема-Што значи мирот за нас на која ги споделија своите мислења. Креираа цртежи, постери и хамери на тема мир.
- Учениците од информатичката секција изработија виртуелен музеј од изработките на учениците и го за изработија постери со пораки за мир на различни јазици.

На 20 септември бевме домаќини на ученици и наставници од ООУ„Васил Главинов“-Чаир и ООУ„Тефејуз“ со кои се реализираа заеднички активности:

- Свечен пречек и изведба на ритмичка точка
- Круг за запознавање на учениците и наставниците од 3 училишта.
- Пишување на пораки за мир на македонски, албански, турски и ромски јазик.
- Уредување и разгледување на виртуелниот музеј за мир.
- Доуредување на катчето за мир со изработки од сите училишта.
- симболично пуштање на бели гулаби на училишниот двор

Преку овие активности, учениците не само што се запознаа со важноста на мирот, туку и развија чувство на емпатија и солидарност. Активностите помогнаа да се зголеми свеста за вредностите на мирот, толеранцијата и соработката меѓу учениците.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај за проектот „Енергетска едукација за паметна генерација“

Проектот „Енергетска едукација за паметна генерација“ е реализиран од Здружението за унапредување на образованието, културата и спортот - ЕДУВИЗИЈА, со поддршка и финансирање од општина Гази Баба. Во проектот учествуваа учениците од VI б одделение и одделенскиот раководител Маја Станковска. Главна цел на проектот е подигање на свеста кај учениците за важноста на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија, како и развој на зелени вештини преку креативни и иновативни активности.

Во рамки на проектот се реализираа следните активности:

- работилница од Здружението за унапредување на образованието, културата и спортот – ЕДУВИЗИЈА за видови енергија и обновливи извори на енергија како и за енергетска ефикасност во домовите (19.09.2024).
- Едукативна посета на Изложбениот центар Матка на (2.10.2024), каде што учениците се преку современи интерактивни методи можеа да научат повеќе за енергијата, нејзината историја, производство, пренос и користење.

- работилница за моделирање 3D еко град на платформата **CoSpacesEdu** (12.11 2024) на која учениците креираа виртуелни градови кои содржеа иновативни енергетски решенија, како што се соларни панели, енергетски ефикасни згради и зелени површини. Работилницата ја поттикна нивната креативност, тимска работа и дигитални вештини, истовремено нагласувајќи ја важноста на одржливоста.

Проектот постигна значителни резултати, вклучувајќи зголемена свест за енергетската ефикасност, развој на дигитални и зелени вештини и поттикнување на интерес за примена на технологијата во решавање на глобалните еколошки предизвици. Со овој пристап, проектот ги постави основите за идни образовни иницијативи кои комбинираат технологија, едукација и одржливост.

Одговорен наставник: Маја Станковска

Извештај за проектот „Сплотени градиме отпорна заедница-Превенција од насилен екстремизам“

Нашето училиште е дел од проектот „Сплотени градиме отпорна заедница Превенција од насилен екстремизам“ кој го спроведува ООЦК Гази Баба и е поддржан од општина Гази Баба. Во рамки на проектот се реализираа следните активности: • тркалезна маса која се одржа во Културниот дом „Кочо Рацин“ во нас.Автокоманда на 02.10.2024 на кој учествуваа Валентина Јовановска-психолог и Слаѓана Јовановска-специјален едукатор.

- Обучени волонтери од ООЦК Гази Баба реализираа работилница од 2 училишни часа на тема Превенција од насилен екстремизам на 20 ученици од VI-IX .одделение (4.10.2024)
- Маја Станковска- наставник по информатика и Даниела Караташова- социолог реализираа обука на 20 ученици од кои по завршувањето на обуката одбраа тим од 3 ученици кој треба да одржат работилница на 20 нивни врсници . 16.10.2024
- Формираниот тим од ученици (Теа Милошевска, Матеј Ангеловски и Нела Панчевска од IX .одделение) реализираа работилница на тема “Превенција од насилен екстремизам“ на 20 ученици на 29.10.2024
- Даниела Караташова на 16.12.2024 година учествуваше на промотивниот настан за Платформата за превенција од насилен екстремизам- иновативна онлајн алатка која преку тестирање нуди поддршка за образовните институции во превенција и рано препознавање на ризиците од насилен екстремизам.

Извештај за презентацијата на eTwinning проектот „Together for Coding and Robotics“ на Валоризациона конференција

На 11 декември 2024 година, Маја Станковска, наставник по информатика, го презентираше eTwinning проектот „Together for Coding and Robotics“ на Валоризационата конференција организирана од Националната агенција за европски образовни

програми и мобилности. Проектот е признат како една од најинспиративните приказни и доби национална и европска ознака за квалитет, што претставува значајно признание за вложениот труд и креативност. На презентацијата беа истакнати целите и активностите на проектот, кој имаше за цел да ги поттикне учениците да стекнат вештини за кодирање и роботика, да соработуваат преку дигитални алатки и да развијат критичко размислување. За својата посветеност и успешно претставување, Маја Станковска доби благодарница за најинспиративна приказна од Националната агенција, што дополнително го потврдува значењето на нејзиниот придонес во промовирањето на иновативни образовни практики.

Извештај за активности за еколошка едукација во рамки на проектот „Innokids“

Во периодот од 10 до 30 декември, во I, II, III и VI одделение се реализираа активности за еколошка едукација со цел да се подигне свеста и разбирањето за одржлив развој. Активностите беа спроведени преку иновативен пристап – користење на лего коцки, кои ја поттикнаа креативноста и интерактивното учење кај учениците.

Овие активности беа дел од проектот „Innokids“, кој го реализира Здружението за заштита и унапредување на животната средина Еко Логик. Учениците имаа можност преку практична примена да ги истражуваат концептите за одржлив развој, како што се рециклирањето, енергетската ефикасност и заштитата на животната средина.

Преку конструктивни игри со лего коцки, учениците создаваа модели кои симболизираат одржливи решенија, како што се зелени згради, паркови и системи за обновлива енергија. Овој пристап не само што ги зајакна нивните еколошки вештини и знаења, туку и ги мотивираше да размислуваат за значењето на заштитата на природата.

Активностите ги реализираа одделенските наставници од I, II и III одделение, Снежана П. Боболеска- наставник по англиски јазик и Маја Станковска-наставник по информатика.

Посета на Единицата за службени кучиња при МВР

Учениците од VI одделение на 03.06.2025 година во придружба на одделенскиот раководител Маја Станковска и социологот Даниела Караташова реализираа едукативна посета на Единицата за службени кучиња при МВР во Хиподром. На настанот присуствуваа претставници од Општина Гази Баба и градоначалникот Бобан Стефковски како и претставници од Министерството за внатрешни работи.

Целта на посетата беше учениците да се запознаат со работата на оваа специјализирана единица, улогата на службените кучиња во откривање експлозиви, оружје и недозволени супстанци, како и нивната примена при обезбедување на ВИП личности и важни објекти.

Учениците со голем интерес ја следеа показната вежба, при што службените кучиња демонстрираа дисциплина и способност во извршување на полициски задачи под раководство на своите обучувачи. Тие исто така имаа можност да се запознаат и да се дружат со најмалите кучиња кои се на почетокот на процесот на обука.
Оваа активност претставува дел од заложбите за подобрување на воспитно-образовниот процес преку практични и животни содржини, кои ја збогатуваат наставата и придонесуваат за развој на свест за безбедност, одговорност и почитување на институциите.

Одбележување на Денот на Европа – „Европа низ детските очи“

По повод Денот на Европа, 10 ученици од VIII и IX одделение придружувани од наставничката по инфоматика Маја Станковска и в.д директорката Елизабета Темелковска учествуваа на едукативно-забавниот настан под мотото „Европа низ детските очи“, организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.
Настанот беше исполнет со повеќе активности прилагодени за деца: изведба на македонската и европската химна, театарска претстава, танц, анимации, квиз за Европа, креативни работилници и цртање европски симболи. Настанот поттикна интерес, креативност и европски дух кај учениците и претставуваше симбол на мир, единство и културна разноликост.

Извештај за одбележување на Денот за побезбеден интернет – 11 февруари 2025

Во периодот од 10-14 февруари со учениците од VI до IX одделение се реализираа работилници кои имаа цел подигање на свеста за безбедно, одговорно и етичко користење на интернетот.

На 11.02.2025 година, по покана на Детската амбасада Меѓаши, ученици од VIII одделение (Петра Толева, Кјара Спасовска, Анамарија Стевковска, Кјара Соневска, Јован Караташов и Дамјан Насковски) заедно со наставничката по информатика Маја Станковска и Даниела Караташова социолог, присуствуваа на едукативен настан по повод Меѓународниот ден за побезбеден интернет, кој се одржа во просториите на Кинотека на Република Северна Македонија.
Настанот имаше за цел да ја подигне свеста кај учениците и пошироката јавност за безбедно користење на интернетот, како и да понуди едукативни содржини за препознавање и избегнување на потенцијални опасности и ризици од дигиталниот простор, особено оние поврзани со користењето на социјалните мрежи.
Во согласност со мисијата на Детската амбасада Меѓаши – постојано градење безбедна и сигурна средина за секое дете – настанот понуди корисни информации и примери за одговорно дигитално однесување, како и практични совети за заштита на личните податоци и справување со дигитално насилство.

Настанот беше одбележан под слоганот „Заедно за побезбеден интернет“, со фокус на соработката меѓу институциите, училиштата, родителите и самите деца во создавање на позитивна, сигурна и инклузивна дигитална средина.
Присуството на учениците на овој настан претставува значаен чекор во нивната дигитална едукација и градењето на критичко мислење во однос на користењето на интернетот и технологијата воопшто.

Извештај од реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието

Во рамки на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, во второто полугодие од учебната 2024/2025 година, заедно со партнерското училиште ООУ „Васил Главинов“ – Чаир, беа реализирани низа активности со цел унапредување на соработката меѓу учениците од различни етнички заедници, поттикнување на креативноста, развивање на еколошка свест и јакнење на меѓусебното разбирање и почитување.
Во текот на месеците од февруари до јуни, учениците активно учествуваа во активности за истражување, сеење и одгледување на зачински билки, цвеќиња и градинарски култури. Преку овие активности, учениците стекнаа практични знаења за растенијата и нивната нега, како и чувство за одговорност кон природата.
На 15 мај 2025 година се одржа заедничка еколошка работилница, при што нашето училиште беше домаќин на учениците и наставниците од партнерското училиште. Работилницата се реализираше во духот на меѓусебна поддршка, тимска работа и емпатија. Учениците, организирани во мултикултурни тимови, засадија билки и цвеќиња во дворот на училиштето. Оваа активност не само што придонесе за еколошка едукација, туку и за градење мостови меѓу различни култури.
По еколошката активност, учениците учествуваа на хуманитарен настан за собирање средства за набавка на дидактички материјали за ученици со посебни образовни потреби, на кој продаваа и дониираа расад од растенијата што самите ги одгледаа. Настанот ја демонстрираше нивната хуманост и солидарност и ја промовираше инклузивноста како клучна вредност во образовниот процес.
На 2 јуни 2025 година, во просториите на ООУ „Васил Главинов“ – Чаир, се реализираше заедничка креативна работилница со техника *String Art*. Учениците и наставниците од двете училишта работеа во мешани тимови и создаваа уметнички дела со геометриски и природни мотиви. Работата се одвиваше во атмосфера на соработка, почитување и креативност. Изработените дела беа изложени во уметничкото катче, кое учениците од ООУ „Васил Главинов“ ќе продолжат да го одржуваат и збогатуваат. Паралелно со останатите активности, во текот на целиот период беше уредено и училишно МИО катче во нашето училиште. Катчето вклучуваше изработка и поставување на хамери, пораки, постери и флаери поврзани со активностите од проектот. Стана простор за визуелна промоција на заедничките достигнувања и потсетник на вредностите што ги негува проектот – разбирање, пријателство и соработка.

Реализацијата на проектот резултираше со зголемена еколошка свест кај учениците, продлабочени меѓуетнички односи, подобрени STEM и уметнички вештини. Преку заедничките активности, учениците стекнаа нови искуства, создадоа пријателства и ја зајакнаа меѓусебната доверба, придонесувајќи за изградба на одржливо и инклузивно училишно опкружување.

Извештај од реализирана работилница на тема -„Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка со полицијата и другите надлежни служби “

На ден 24.10.2024 година во нашето училиште се одржа предавање на тема „Превенција на насилство меѓу децата во училиштето и соработка со полицијата и други надлежни служби за рано детектирање на насилството", од страна на претставници од Здружението ,,Центар за интегрирана безбедност" - Скопје, проект поддржан од Општината Гази Баба.

Предавањето го следеа ученици од VI - IX одделение и стручните соработници.
Исклучително интересно и корисно предавање, во кое беа опфатени различни сфери за интензитетот и зачестеноста на меѓувршничко насилство, превенција од насилство-потикнување на градење на социо-емоционални капацитети, препознавање на различни интензитети-нивоа на насилство, постапување во случај на ескалирање на насилството и пријавување до сите клучни органи-училиштето, социјалните и полициските служби.

Извештај од реализирана активност во рамки на проектот„Од нас зависи“ -Здружение ЗЕОООП

Здружението ЗЕОООП, согласно проектот "Од нас зависи" организираше Детски натпревар во цртање за децата/учениците од ООУ "Наум Наумовски Борче".

Идејата на овој натпревар беше да ја вклучиме помладата генерација во борбата против климатските промени, да ја подигнеме нивната свест кога станува збор за еколошките прашања и да ги поттикнеме да размислуваат повеќе за тоа како сите ние можеме да дадеме најдобар придонес кога станува збор за подобар живот во светот, градот и населбите во кои живееме.

Важноста на живеењето во поздрава средина најдобро може да се научи во најраните години. Тоа е време кога се развиваат навиките на луѓето, а спроведувањето на овие добри навики во однесувањето на децата, додека тие растат, е најдобриот начин да се постигне целта за да живееме во поздрава средина во иднина.

Да ја промениме иднината преку ангажирањето на најмладите. Оваа планета во иднина ќе се потпира на нив. Да им покажеме на сите дека се грижиме.

Извештај од реализирана работилница на тема „Обука за образование за климатски промени“ -Здружение ЗЕОООП

Анализирајки ги образовните програми во нашите Основни училишта - дојдовме до основниот проблем на кој што треба да се работи, а тоа е недоволната едукација и минималната застапеност во образовните програми за климатските промени.
За таа цел здружението ЗЕОООП започна да реализира едукативен проект кој е поддржан и финансиран од Општина Гази Баба, со акцент на темата: КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ .
На ден (25.9.2024 г.), во просториите на ООУ „Наум Наумовски Борче“, Општина Гази Баба беше реализирана обука за образование за климатски промени со цел промовирање на проектот „Од нас зависи“, кој е финансиски поддржан од буџетот на Општина Гази Баба. Целта на проектот е да се реализираат низа активности поврзани со климатските промени кои ќе имаат директно влијание на квалитетот на живот и ќе ја подобрат состојбата во животната средина преку едукација, обука, отворени часови и спроведување анкети кај целните групи на однапред подготвени теми, здружени акции, акции со голем визибилитет.
На почетокот од обуката, Александра Петровска, претседателка на здружението ЗЕОООП (Здружение за значење на еколошкото образование во осовременување на образовниот процес), им се обрати на присутните претставувајќи им ги планираните активности за целиот проект. Пред сè, таа срдечно ја изрази својата благодарност до Општина Гази Баба која даде финансиска поддршка на здруженија и фондации од образовен и културен карактер. Исто така, ѝ се заблагодари и на Светлана Петровска, директорка на ООУ „Наум Наумовски Борче“, за успешно воспоставената соработка.
На обуката беа присутни дел од наставниот кадар на ООУ „Наум Наумовски Борче“, како и ученици од таргетираното училиште.
Обучувач на настанот беше м-р Арсенија Дејаноска Сарагинова, магистер по менџмент на човечки ресурси, адвокат, сертифициран обучувач за обуки, како и еден од основачите на здружението ЗЕОООП. Со свое стручно излагање на настанот се обрати Арсенија која потенцира дека образованието е еден од клучните одговори за да се намали и превенира штетата. Општо е прифатено дека квалитетното образование е основно човеково право и темел на општествено - економскиот развој. За да може секоја индивидуа, а особено младите, да се справат со глобалните предизвици (меѓу кои се и последиците од климатските промени, но и воведувањето на т.н. зелени технологии) потребно е да располагаат со знаења, ставови, вештини и компетенции кои ќе соодветствуваат на современите барања на нивниот личен и професионален живот. Затоа, потребно е образовните системи да се реформираат и да се усогласат со барањата на економијата базирана на знаење со цел да им се овозможи на луѓето развивање такви компетенции кои во текот на целиот живот со соодветна надградба ќе им гарантираат сигурна основа за пристоен живот и работа.
Образованието за климатски промени (ОКП) ги објаснува климатските промени и им помага на учесниците во образовниот процес да ги разберат причините и последиците од истите, додека истовремено ги подготвува да живеат со влијанијата од климатските промени и ги охрабрува да преземат соодветни мерки со цел да водат поодржлив начин на живот. Најчесто, овој

вид на образование се дели на два дела: образование за ублажување на климатските промени и образование за адаптација на последиците од климатските промени.
КОГА е потребно образование за климатски промени?
Одговорот на ова прашање е едноставен. ВЧЕРА, ама бидејќи вчера многу малку направивме, тогаш ДЕНЕС и СЕГА ВЕДНАШ. Бидејќи УТРЕ ќе е касно...
На крајот на овој едукативен настан Учениците ги претставија своите груни изработки и со истите украсија дел од училишните зидови. Исто така сите присутни имаа прилика да се вмрежат со цел за идни заеднички соработки.Присутните членови се стекнаа со подобрени капацитети за застапување и мобилизација за прашања поврзани со Климатските промени, како и практични вештини кои ќе се пренесат меѓу учениците, наставниците, родителите и локалното население.
Онлајн дискусија на тема климатските промени и образованието, со осврт на резултатите и препораките од првата сеопфатна анализа за вклученоста на оваа проблематика во македонскиот образовен систем базирана на двата сегмента од образованието:

- анализа на формалниот образовен сектор (онлајн истражување на достапните наставни програми од предучилишно, основно и средно образование (и дел од достапните учебници), како и на студиските програми од акредитираните високообразовни институции);
- анализа на неформалниот образовен сектор (верификувани програми на Центарот за образование на возрасни и преглед на дел од понудата на обуки и тренинзи поврзани со предметната проблематика на невладините организации). Главните коментари во текот на дискусијата се однесуваа на можностите за вклучување на оваа проблематика во новата концепција на образованието, потребните технички капацитети во училиштата и обученоста на професорите кои би биле вклучени во овој процес. Исто така беше истакната неопходноста на поврзувањето со националната економска програма за реформи.

Извештај од реализирана работилница по повод „Месецот на книгата“

По повод ,,Месецот на книгата" (кој започна 15 Октомври а трае до 15 Ноември)се реализираше работилница во Va,б, в одд. со авторката Виолета А.Наумовска со цел да се запознаеме со нејзиното творештво, нејзината инспирација и да научиме како да создаваме сопствени приказни.Авторката ја промовираше едукативната сликовница,,Зајчица Лапачковска"и литературните изданија,,Огне" и ,,Време за желби" во која извлекува големи и важни пораки за вистинските животни вредности кои се учат низ самото растење...

Учениците споделуваа сопствени искуства и совети за пишувањето и имаа можност да учествуваат во креативните активности и да поставуваат прашања поврзани со содржините на литературните изданија.И се заблагодаруваме на нашата авторка која придонесува за развојот на учениците како хумани, одговорни,емпатични и самосвесни личности...

Реализатор- Виолета А.Наумовска

Извештај од реализирана работилница на тема „Селектирање на текстилен отпад - Тексомак ДОО колективен постапувач на текстилен отпад

На 11.11.2024 година во нашето училиште се одржа работилница на тема „Селектирање на текстилен отпад“ организирано од Тексомак ДОО колективен постапувач на текстилен отпад. На работилницата беа присутни ученици од IV и V одделение. Учениците се запознаа како може да го селектираат и повторно употребат текстилниот отпад во секојдневниот живот. Учениците уживаа во изработувањето на најразлични креации,побудувајќи ја фантазијата на модните креатори.

Извештај од едукативна креативна работилница

Во Музеј на македонската борба се одржа едукативна креативна работилница со наслов „Замисли го животот во минатото“ со презентација од музејски едукатор. Работилницата се состои од два дела.

Првиот дел е запознавање со предметите и начинот на живеење на нашите предци во минатото во етно куќичката во музејскаа поставка.

Во вториот дел преку дружба и забава покажете ја вашата креативност и значање.

Работилницата траеше 45 мин.

Одд.наставник: Марија Депиновска

Извештај од посета на Национална опера и балет - Инклузивна танцова претстава „Пат околу светот за 80мин“

На ден 03.12.2024 (вторник), 69 ученици од 3а, 5в, 6а, 7б и 7в одделение ја гледаа Инклузивната танцова претстава „Пат околу светот за 80 мин.“ во продукција и реализација Еурека културен центар во Национална опера и балет.

„Пат околу светот за 80 мин.“ е динамична и енергична танцова претстава каде,неколку другарки со заедничка љубов кон танцот и уметноста решаваат да тргнат на незаборавно патување низ светот.

Танцот е универзален јазик кој не обединува сите,без разлика на возраста,полот,способностите или потеклото.Преку своето

патување низ светот,младите уметници и публиката ќе научат како да го ценат и прифатат различното,како во себе така и во другите.
Различностите не прават посебни,а инклузијата е многу повеќе од прифаќање- тоа е откривање на нови светови и можности.

Извештај за посета на кино Милениум

На ден 24.09.2024 (вторник) се посети институцијата Кино Милениум од страна на учениците од IIa,IIb,IIIa,IIIb и IVa и одделенските наставници , со цел гледање на анимациски филм **Нина и приказната за ежот** (синхронизиран на македонски јазик).
Филмот е со поучна содржина (Нина сака да ги слуша приказните пред спиење кои и ги кажува нејзиниот татко, приказни за ежот кој го открива светот. Една вечер, зафатен со работа, татко и не доаѓа да и раскаже за нова авантура, а Нина дознава дека штотуку останал без работа во фабриката. Нејзиниот свет е превртен наопаку и таа е подготвена да најде решение за да му помогне).
Во филмот се истакна важноста на семејството, храброста и љубовта.

Одговорни одделенски наставници: IIa,IIb,IIIa,IIIb и IVa

Извештај за одбележување на Светскиот ден за заштита на животните

На ден 04.10.2024 со активности од страна на учениците од трето а одделение се одбележа Светскиот ден за заштита на животните.Учениците цртаа и боеја омилено животно.
Целта беше да се подигне свеста кај децата за заштита и грижа за животните а посебно да се потенцира нивната важност за опстанокот на нашата Планета.

Одд.наставник Марија Депиновска

Извештај за учество на ораторска вечер

На 23.12.2024 г.во Домот на културата во Автокоманда се одржа Ораторска вечер на тема **„Јас меѓу виртуелното и реалното секојдневие“.** На овој проект право на учество имаа учениците кои го завршуваат основното образование, т.е учениците од деветто одделение.
Претставник од нашето училиште на овој проект беше ученичката **Анастасија Стефановска од 9в одд.**, која под менторство на предметниот наставник по македонски јазик, Сања Пецевски, успешно се претстави и освои благодарница.
Овој проект придонесува учениците да ја покажат важноста од тоа што се зборува, но и моќта на начинот на кој се зборува. Исто така преку јавното говорење учениците ќе можат да го надминат стравот од јавно говорење, тремата пред одреден настап, а ќе придонесе да го претстават својот став, да покажат колку се моќни и колку се посебни.
Одговорен наставник: Сања Пецевски

Извештај за посетата на 21. светски ден на филозофијата симпозиум 300 години кант

На 21 и 22.11.2024 година, беше организирана посета на Филозофскиот факултет од страна на ООУ: „Наум Наумовски Борче“ – општина Гази Баба, Скопје, по повод 21. Светски ден на философијата. Шест ученици, придружувани од страна на наставничката по Граѓанско образование го посетија Собранието, настан кој траеше од 10:00 до 15:00 часот. При влезот на Филозофскиот факултет, наставничката заедно со учениците им ги презентираше различните институти при Филозофскиот факултет, како и посета на библиотеката, каде учениците беа информирани за студиската програма по философија од страна на стручниот соработник Фросина Новак. Освен посетата на институтот по филозофија, учениците ги посетија и библиотеките на Правниот и Економскиот факултет, каде што беа упатени од страна на одговорните лица. 21. Светски ден на филозофијата започна со мал концерт на студенти од Факултетот за Музичка Уметност, потоа се обрати претседателот на Филозофското друштво Љупчо Митковски. Во првата сесија, се обрати почитуваниот проф. д-р Мирко Ѓошевски – добитник на наградата за животно дело „Константин Филозоф“ и проф. д-р Иван Џепароски на тема: „Кант и еколошката естетика“. Особено интересен настан беше предавањето на проф. д-р. Стивен Фридман, на тема: „Kant and the limits of representation – in the throes of clothes: The call of the rose“. Ова предавање навистина ги заинтересира учениците бидејќи тие прв пат ја имаа таа чест да го слушаат професорот Фридман, кој има докторирано на Харвард, како и заложбата во неговите области, како што се: физика, молекуларна биологија и медицина. Професорот Фридман редовно го посетува и дава свој придонес со неговите предавања на Филозофскиот факултет, но и во МАНУ. Во продолжение збор земаа и професор Радомир Виденовиќ, кој говореше за Кантовите ставови за политиката. По него, збор зема македонскиот новинар, но и љубител на филозофијата Љубомир Гајдов со неговиот апстракт на тема: „Радикалните германски расисти/антисемити, од Кант до Хајдегер“.

Учениците од осмо и деветто одделение навистина покажаа видлив интерес за предавањата од оваа област – филозофијата, која е во корелација со предметите етика и граѓанско образование. Токму затоа учествуваа во диксусијата и ги прикажаа своите

согледби во однос на темите од третата сесија, која се случуваше на 22.11.2024.Тие дискутираа и поставуваа прашања во однос на предавањето на проф. Самуел Коломонос Садикарио на тема: „Кант, Квантум компјутинг и вештачката интелигенција. Наставник по етика и граѓанско образование: Ана Петровска

Извештај од настанот по повод денот на бројот ПИ

Датум на одржување: 14.03.2025 Цел на настанот:

Одбележување на Денот на бројот Пи (π), со цел да се поттикне интересот кај учениците за математиката преку креативни, забавни и едукативни активности.

Тек на настанот

Вовед и претставување на бројот Пи – Настанот започна со краток вовед за значењето и историјата на бројот Пи, претставен од водителката Јована Денковска.
Факти за бројот Пи – Ученичката Мила Мајсторова (9в одд.) презентираше интересни и помалку познати факти за бројот Пи.
Поетски израз – песна за бројот Пи – Илина Ѓорѓиева (7в одд.) рецитираше песна инспирирана од Пи.
Забавна точка – шеги за бројот Пи – Учениците од 6б одделение изведоа низа духовити шеги поврзани со бројот Пи.
Театарска претстава „Предизвик за чување на питата Пи“ – Кратка претстава со ученици од 6а, 7в и 9а одд.
Музичка точка – АПТ – Учениците од 6а одделение настапија со музичка изведба.
Квиз натпревар – Бројот Пи – Натпреварувачите од 9а и 9б одделение учествуваа во квиз со прашања поврзани со бројот Пи, на кој победи екипата на 9б одд.
Прогласување на најдобра песна од конкурсот „Пи во стихови – бесконечна инспирација“ – Наградени беа: 1. Дина Панова (4в), 2.
Антонио Ристовски (6а), 3. Ева Величковска (6б).
Награда за најдобар цртеж – Теона Брзаковска (9в одд).
Доделување на дипломи – На учениците кои се истакнаа на општинскиот натпревар по математика им беа врачени дипломи и сертификати.
Завршница – Честење со слатки – Настанот заврши со дегустација на колачиња и пита, инспирирани од темата.

Заклучок

Настанот успешно ја исполни својата цел – едукација и забава преку креативен пристап кон математиката. Учениците покажаа високо ниво на ангажман и оригиналност, а публиката уживаше во секој сегмент од програмата.

Одговорни наставници : Маја Д. Бошевска, Билјана Велјаноска, Валентина Коруноска

Ученички екскурзии, посети

Училишните екскурзии претставуваат облик на воспитно-образовна работа кој се остварува преку различни активности надвор од училиштето со посети на: природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи и други локалитети, во согласност со одредени цели и задачи од наставните програми и подрачја за развивање и остварување на различните интереси на учениците.

Задачи:развивање интерес за природата и градење еколошки навики; развивање позитивен однос кон верските и културните вредности; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; социализација и колективна заштита; изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
Во текот на првото полугодие во учебна 2024/25 година согласно годишната програма беше реализиран Есенскиот излет во излетничкото место “Раштак“ -Скопје

Извештај за реализиран есенски излет во излетничко место „с.Раштак“ 22.10.2024год.

Во текот на првото полугодие во учебна 2024/25 година согласно годишната програма беше реализиран **Есенскиот излет**во излетничко место с.„Раштак“.
ООУ „Наум Наумовски - Борче“ во учебната 2024/2025 година планираше и изведе **еднодневен есенски** излет со спортско - рекреативен карактер на 22.10.2024 година во излетничко место с.„Раштак“. На излетот беа опфатени 343 или 76% од учениците од II до IX одделение. На излетот беа постигнати предвидените цели и задачи.

- стекнување на навики за престој и рекреација на чист воздух;
- рекреација и културно – уметничко изградување на учениците;
- посета на излетничко место с.„Раштак“ и неговите убавини Задачи:
- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;

- социализација и колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење.

Содржина и активности:

- Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање - Одделенските наставници и класните раководители.

Со програмата за ученички екскурзии на ООУ„Наум Наумовски Борче“ во учебната 2024/2025 година беа предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на нашата преубава земја како и зацврстување на другарството и взаемното почитување.

Излетот помина според планираното, во согласно правилникот. Редот, дисциплината и грижата за околината беа на високо ниво.

Посебни забелешки – нема.

Извештај од дводневна екскурзија низ источна македонија

Место на реализација: Источна Македонија – Дојран

Одделение: VI а/б

Времетраење: Два дена

Датум на реализација: 21-22.05.2025

Придружници: Одделенски раководители, туристички водич, медицинско лице

Цел на екскурзијата:Целта на оваа дводневна екскурзија беше запознавање со културно-историските споменици и природните убавини на Источна Македонија, со посебен акцент на Дојран и неговата околина. Учениците имаа можност директно да се запознаат со културните и цивилизациските придобивки, да развиваат чувство на патриотизам, социјализација и тимска соработка.

Дневен преглед: Во учебната 2024/2025 година се планираше и изведе дводневна екскурзија со наставно-научен карактер на 20 и 21 мај 2025 година во Дојран - хотел „Полин“. Со екскурзијата беа опфатени 25 ученици од VI одделение. За учениците што не дојдоа на екскурзија беше организирана настава.

На екскурзијата беа постигнати предвидените воспитно-образовните цели и задачи.

Воспитно-образовни цели: истражување и стекнување нови знаења за Историскиот музеј со восочни фигури од Штип и Штипско, во Ново Село, Штип и археолошкиот локалитет Водочки манастир „Св.Леонтиј“ во село Водоча, Струмица; запознавање со убавините на градот Дојран, неговата архитектура и богатата културно-историска дејност. продлабочување на знаењата за црквата „Св. Илија“ во Дојран.

Задачи:

• изучување и истражување на културно-историски објекти и појави во природата во Дојран;

• истражување на објекти од историско значење во Дојран;

• градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на нашата татковина;

• поврзување на историското време за одреден простор во Дојран, оживување и приближување на минатото, создавајќи љубов и почит кон него;

• развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на Дојран;

• истражување на културата и начинот на живеење на луѓето во одделни места во Дојран; поттикнување и развивање на чувство на колективност

Содржина на активности: Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета го следевме и насочувавме однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објекти, предмети и други материјали, прибирање материјали и податоци со историски содржини од одредени објекти, рекреација, дружење) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

План на патувањето и негова реализација:

- Прв ден: Групата од 25 ученици и класните раководители одговорни за групата тргна од пред училишната зграда во 07:30 часот. Се упативме кон градот Штип. Во Штип го посетивме историскиот музеј на дејците на ВМРО (Историски музеј со восочни фигури) од Штип и Штипско, во Ново Село, Штип. Потоа се упативме кон градот Струмица каде го посетивме градот и и археолошкиот локалитет Водочки манастир „Св.Леонтиј“ во село Водоча. Потоа во попладневните часови се упативме кон градот Дојран. Таму се прошетавме по брегот на Дојранското езеро, а потоа учениците беа сместени во хотелот каде беше организирана вечера и прошетка по вечерата. Во вечерните часови беше организирана забава за учениците и ноќевање.
- Втор ден: Вториот ден го започнавме со организиран појадок, а потоа се прошетавме низ градот Дојран наслаудувајќи се од неговата убавина, архитектура, езерска шир. Во попладневните часови тргнавме кон Скопје. Во 18 часот пристигнавме пред училишната зграда.

Впечаток и придобивки: Учениците покажаа голем интерес за посетените локации, поставуваа прашања, фотографираа и водеа белешки за она што го видоа. Екскурзијата придонесе за збогатување на знаењата по историја, географија и екологија, но и за зајакнување на другарството, одговорноста и самостојноста.
Заклучок:Екскурзијата беше успешно реализирана според планираната програма. Учениците се вратија задоволни, со нови знаења и убави спомени. Наставниците ја оценија екскурзијата како едукативна, безбедна и добро организирана.

Извештај од тридневна екскурзија низ западна македонија

Со програмата за ученички екскурзии на ООУ„Наум Наумовски Борче“ во учебната 2024/2025 година беа предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на нашата преубава земја како и зацврстување на другарството и взаемното почитување.

- **Тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение во Западна Македонија:Охрид (07, 08 и 09. 04. 2025 година)**

- Во учебната 2024/2025година се планираше и изведе тридневна екскурзија со наставно-научен карактер на 07, 08 и 09.04. 2025 година во Охрид - хотел „Чинго“. Со екскурзијата беа опфатени 50 ученици од IX одделение. На екскурзијата беа постигнати предвидените воспитно-образовните цели и задачи.

Воспитно-образовни цели:

- непосредно запознавање со природните убавини и одликите на Западна Македонија, природните и вештачките езера, реки, планини, извори и развојот на туризмот;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на градот Крушево и борбата на македонскиот народ против Османлиското ропство и создавањето на Крушевската Република; - истражување и стекнување нови знаења за античкиот град Хераклеа Линкестис;
- запознавање со убавините на градот Охрид, неговата архитектура, богатата културно-историска, просветена и духовна дејност.
- Поттикнување на другарствотвото и социјализација на учениците. **Задачи:**

- изучување и истражување на културно-историски објекти и појави во природата во Западна Македонија;
- истражување на објекти од историско значење во Западна Македонија;
- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на нашата татковина;

- поврзување на историското време за одреден простор во Западна Македонија, оживување и приближување на минатото, создавајќи љубов и почит кон него;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на Западна Македонија;
- истражување на културата и начинот на живеење на луѓето во одделни места во Западна Македонија;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини кон нашата татковина; поттикнување и развивање на чувство на колективност и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Содржина на активности:

Во текот на целото патување и сите предвидени места за постеа го следевме и насочувавме однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објекти, предмети и други материјали, прибирање материјали и податоци со историски содржини од одредени објекти, рекреација,дружење) со цел да се добијат позитивни повратни информации. ***План на патувањето и негова реализација:***

- **Прв ден:**

  Групата од 50 ученици и тројца класни раководители одговорни за групата тргна од пред училишната зграда во 07: 30 часот. Се упативме кон градот Крушево со попатен одмор во Градско. Во Крушево ги посетивме гробот на Тодор Проески како и самиот град со неговата автентична архитектура. Потоа се упативме кон градот Битола каде беше предвидена посета на археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис но, мозаиците беа прекриени и не бевме во можност да ги видиме, прошетка направивме низ самиот град познат како град на конзулите и по филмскиот фестивал „Браќа Манаки“. Потоа во попладневните часови се упативме кон градот Охрид нашиот македонски бисер, пристигнавме и учениците беа сместени во хотелот каде беше организирана вечера и одмор. Во вечерните часови беше организирана забава и дружење меѓу учениците и ноќевање.

- **Втор ден:**

  Вториот ден го започнавме со организиран појадок, а потоа се упативме кон посета на манастирскиот комплекс „Св. Наум Охридски“. Потоа се вративме во хотелот каде беше организиран ручек и попладневен одмор. Во попладневните часови се упативме кон посета на античкиот театар, потоа кон Самоиловата тврдина, Плаошник, црквата „Св. Софија“, „Св. Јован Богослов“-Канео и прошетка низ градот Охрид. По организираната вечера и одмор имавме забава и одлично другарување помеѓу учениците, а потоа ноќевање.

- **Трет ден:**

  Третиот ден по појадокот и добиениот ланч пакет како ручек се одјавивме и го напуштивме хотелот. Прошетавме повторно низ градот Охрид наслаудувајќи се од неговата убавина, архитектура, езерска шир. Претпладне тргнавме кон градот Струга каде ги посетивме „Природно-научниот музеј“ и „Спомен куќата на браќата Миладиновци“ бидејќи немавме можност да ја

посетиме спомен куќата на Тодор Проевски во Крушево затоа што во понеделници не работи. Потоа се упативме кон градот Дебар и го посетивме Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“. Во попладневните часови се упативме кон Скопје. Во 19 часот пристигнавме пред училишната зграда.

Раководител на екскурзијата: Елизабета Темелковска- в.д директор

Одговорен наставник: Катарина Марковска- наставник по географија, Сања Пецевски- наставник по македонски јазик и Соња Ајдаревиќ наставник по англиски јазик- замена од оправдани причини Даниела Кузманоска наставник по хемија и природни науки.

Носители на активностите: учениците и одделенските раководители на IX-те одделенија Катарина Марковска, Сања Пецевски, Соња Ајдаревиќ (Даниела Кузманоска)

Времетраење: тридневна екскурзија (поаѓање 07.30 часот на 07.04.2025 година враќање на 09.04.2025 година во 19.00 часот).

Локации за посета и правци на патување: посета на Крушево, гробот на Тодор Проески, Битола и археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис, Охрид, манастирскиот комплекс „Св.Наум Охридски“, црквата „Св. Јован Богослов“-Канео, антички театар, Плаошник, Самоиловата тврдина и црквата Св.Софија, Струга, „Природно-научниот музеј“ и „Спомен куќата на браќата Миладиновци“, Дебар, Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“.

Правци на патување**:** Скопје-Крушево-Битола- Охрид-Струга- Дебар- Скопје.

Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности се релизираат во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, водич и медицинско лице (доктор).

Изведувач на екскурзијата: „Виста турс“ ДООЕЛ – Скопје

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето се извршуваше директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

Извештај за реализирана настава во природа за учениците од петто одделениеВреме на реализација: 07.04.- 10.04.2025 год.

Место: Охрид хотел „City Inn“

Носители на активностите: учениците од V -а , V -б и Vв одд. и одделенските наставници: Анета Пешевска,Дијана Николовска и Соња Николова

Тргнување во **понеделник** на 07.04.2023 год. во 07:30 часот од пред училиштето. Се патуваше преку Велес каде ја посетивме спомен куќата на Кочо Рацин,продолживме кон Прилеп сопопатен одмор во Градско ,во Прилеп посета на Могила,а потоа

Битола каде ги посетивме Хераклеа и Широк сокак.Пристигнување во Охрид во попладневните часови и сместување вохотел„City Inn“.

08.04.2025 год.- **вторник** - Втор ден од престојот во Охрид. Посета на Вевчани и Вевчанскиот парк со изворите. Набљудување и собирање примероци од разновидниот растителен свет, разгледување, разговор и восхитување од убавините на изворите. Разгледување на старите и новите градби, општината и училиштето во местото. Разговор со мештаните за одржувањето на Вевчанскиот Карневал. Посета на Струга и Спомен куќата на браќата Миладиновци,како и.музејот „Д-р Никола Незлобински**“**.Посета и набљудување на местото каде што Црн Дрим истекува од Охридското Езеро. Прошетка по текот на Црн Дрим. Разгледување на чаршијата и мостот на поезијата.

09.04.2025 год.- **среда** - Подготовки и посета на градот Охрид. Запознавање со градот Охрид. Прошетка покрај пристаниште, црквата Св. Софија, Првата печатница, Амфитеатарот, Самоиловата тврдина, Плаошник, Св. Јован Канео , мостот на желбите.

Активности поврзани со посетите

10.04.2025 год.- **четврток** - Четврт ден од престојот во Охрид.

Последниот ден од престојот беше планиран за подготовки и напуштање на одморалиштето. Следеше посета на Билјанини Извори. Враќањето беше преку Кичево,Стража каде застанавме на попатен одмор,Гостивар и Тетово каде ја посетивме Шарената џамија. Во училиштето пристигнавме во попладневните часови (18 часот), каде учениците среќни и задоволни,се сретнаа со своите родители и си заминаа од училишниот двор.

Забелешка:Секое утро учениците пред доручек имаа утринска гимнастика и проверка на среденост на собите. Со цел да се стекнат дисциплинско-хигиенски навики, се организираше натпревар во најсредена соба, најдисциплинирани ученици, највредни ученици кои на крај добиваа пофалници од своите наставнички. Во вечерните часови имаа активности од културно-забавен живот. Од разговорот со учениците констатиравме дека воспитно - образовните цели предвидени со програмата во целост беа реализирани.

Одговорни наставници: Анета Пешевска, Дијана Николовска, Соња Николова

Еднодневна екскурзија во Лешок- трето одделение

Според програмата за ученички екскурзии на ООУ„Наум Наумовски Борче“ на ден 19.05.2025 (понеделник) се изведе еднодневна екскурзија во Лешок со цел:

- запознавање со објекти од историско значање во северозападна Македонија,
- запознавање со убавините на градот Тетово и околината;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;

- развиваање позитивин однос кон животната средина и природните убавини.

Група од 30 ученици и две одделенски наставнички одговорни за групата тргнаа во 08:00 часот од пред училишната зграда кон Тетово. Најпрво се посети **Шарената џамија** една од најзначајните и секако најпрепознатливите симболи на градот Тетово. Лоцирана е во стариот дел од Тетово на десната страна на реката Пена. Потоа се упативме кон куќата на Јовановци и музејот на град Тетово. По посетата на музејот заминавме во Лешок во посета на манастирот Св.Атанасиј и запознавање со неговото верско,историско и културно значање.

Следеше рекреација ,социјализаација и дружба на учениците.

Поаѓање за Скопје во 16.00 часот во попладневните часови и пристигнување во 17.15 чаасот во училишниот двор.

Извештај за реализиран пролетен излет во излетничко место „Средно Водно“ 19.05.2025год.

Во текот на второто полугодие во учебна 2024/25 година согласно годишната програма беше реализиран **Пролетен излет** во излетничко место,,Средно Водно“.

ООУ „Наум Наумовски - Борче“ во учебната 2024 - 2025 година планираше и изведе **еднодневен пролетен** излет со спортско - рекреативен карактер на 19.05.2025 година во излетничко место „Средно Водно“. На излетот од предвидените 405 ученици, беа опфатени 296 или 73,09% од учениците од II до IX одделение. Учениците од III одделение не беа на излетот, бидејќи истиот ден беа на еднодневна екскурзија. На излетот беа постигнати предвидените цели и задачи.

- стекнување на навики за престој и рекреација на чист воздух;
- рекреација и културно – уметничко изградување на учениците;
- посета на излетничко место „Средно Водно“ и неговите убавини Задачи:
- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социализација и колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење.

Содржина и активности:

- Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање - Одделенските наставници и класните раководители.

Со програмата за ученички екскурзии на ООУ„Наум Наумовски Борче“ во учебната 2024/2025 година беа предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на нашата преубава земја како и зацврстување на другарството и взаемното почитување.

Излетот помина според планираното, во согласно правилникот. Редот, дисциплината и грижата за околината беа на високо ниво.

Годишен извештај за работата на Детската организација

Детската организација во текот на учебната 2024/25 год.работеше според изготвената годишна програма .Посебно внимание посвети на одбележување значајни датуми и настани од секојдневниот живот и успеа да реализира низа активности во кои активно учество земаа ученици,наставници и родители,како и соработници надвор од училиштето.

Реализирани беа следните активности:

-Усвојување на годишната програма;

-Одбележување на почетокот на учебната годината и свечен прием на учениците во прво одделение;

-Одбележување на 8 Септември -Ден на независноста на Република Македонија;

-22 Септември- Меѓународен ден без автомобили;

-Одбележана е Детската недела со свечена приредба за првачињата по повод приемот во Детската организација;

-Одбележан е денот на востанието на македонскиот народ против фашизмот 11 Октомври со читање на литературни творби од учениците и историски осврт на најважните настани;

-16 Октомври -Ден на јаболкото;

-Одбележан е Денот на Македонската револуционерна борба 23 Октомври со читање пригоден реферат;

-Одбележан е 13 Ноември-Денот на ослободување на градот Скопје,со пригоден реферат,со осврт на завршните борби што се воделе низ градот со последните фашистички војници;

-Ден на дрвото;

-Одбележан е Свети Климент со читање реферат за ликот и делото на Климент Охридски;

-Со свечена приредба одбележан е Патрониот празник на училиштето на 23.04.2025;

-Светски ден за заштеда на енергијата;

-Одбележан е Денот на жената-8 Март со пригоден реферат;

-Денот на пролетта и Денот на екологијата се одбележаа со засадување млади садници и цвеќиња;

-Светски ден за заштеда на водите;
-Одбележан е 1 Април-Ден на шегата и смеата;
-Одбележан е ЕКО ден на нашето училиште
-Одбележан е 7 Април Ден на здравјето;
-Светски ден на планетата Земја
-Одбележан е 1 Мај Ден на трудот со читање пригоден реферат.
-Одбележана е годишнината од загинувањето на револуционерот Гоце Делчев.
-Одбележан е 15 Мај светски ден за заштита на климата.
-Денот на сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј одбележан е со творење поетски творби и читање на истите пред учениците,како и со пригоден реферат посветен на творците на словенската азбука.
-Одбележан е светскиот ден против пушењето;
-Светски ден за заштита на животната средина;
-На крајот од учебната година им беа доделени награди на деветоодделенците за континуиран одличен успех и беше прогласен првенец на генерацијата.

Координатор:Елизабета Темелковска **СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ И ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА**

Извештај за учество на ООУ „Наум Наумовски – Борче“на општински натпревари

- Од **17.10.2024 година** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба започна **Лигата во Футсал - машки**. Натпреварите од оваа лига течат во текот на целата учебна година и нивната завршница е на крајот на месец Мај. На ова натпреварување зеде учество и нашето училиште.

- Од **15.10.2024 година** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба започна **Лигата во Одбојка - женски**. Натпреварите од оваа лига течат во текот на целата учебна година и нивната завршница е на крајот на месец Мај. На ова натпреварување зеде учество и нашето училиште.

- Од **18.10.2024 година** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба започна **Лигата во Кошарка - машки**. Натпреварите од оваа лига течат во текот на целата учебна година и нивната завршница е на крајот на месец Мај. На ова натпреварување зеде учество и нашето училиште.

- На ден **07.11.2024 год.(четврток)** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба во спортската сала Методија Андонов Ченто при ООУ "Наум Наумовски - Борче" општина Гази Баба се организираше Турнир во Футсал-женски за VIII и IX одделение. На турнирот се одиграа натпреварите помеѓу екипи од основните училишта на Општина Гази Баба. На овој турнир зеде учество и нашето училиште и го освои **I место.** Со освоеното прво место стекна учество за зонско натпреварување каде го освои **I место** и стекна учество за регионално натпреварување. На овие натпреварувања најдобар играч во футсал женски е прогласена Ева Тодорчевска ООУ Н.Н.- Борче

- На ден **08.11.2024 год.(петок)** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба во спортската сала Методија Андонов Ченто при ООУ "Наум Наумовски - Борче" општина Гази Баба се организираше Турнир во Кошарка-женски за VIII и IX одделение. На овој турнир зеде учество и нашето училиште.

- На ден **20.05.2025 год.(вторник)** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба во просториите при ООУ "Кирил и Методиј" општина Гази Баба се организираше Турнир во Шах машки/женски категорија од I до V одделение и категорија од VI до IX одделение. На овој турнир во машка конкуренција во категорија од I до V одделение пласман освоија: **II место** Бојан Панов ООУ Н.Н.-Борче и **III место** Теодор Ќурчински ООУ Н.Н.-Борче, а додека во женска конкурецијa **I место** Уна Цветковска, **II место** Дина Панова и III место Матеа Јовановска . Во категорија машки за VIII и IX одделение пласман освоија: **II место** Јован Караташов ООУ Н.Н.-Борче **III место** Јане Стаменов ООУ Н.Н.-Борче, а додека во женска конкуренција пласман освои: **II место** Дафина Денковска ООУ Н.Н.-Борче

- На ден **22.05.2025 год.(четврток)** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба на спортските терени при ООУ "Григор Прличев" општина Гази Баба се организираше натпревар во детска атлетика за учениците од одделенската настава од училиштата на територија на општина Гази Баба. На овој настан учествуваа120 ученици од четврто одделение. На ова натпреварување зеде учество и нашето училиште и го освои **III место**.

- На ден **14.11.2024 год.(четврток) и 07.05.2025 год. (среда)** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба во училишната спортска сала при ООУ ,,Вера Јоциќ" се организираше полигон за учениците од одделенската настава од училиштата на

територија на општина Гази Баба. На овој настан учествуваа 96 ученици од трето одделение. Целта на оваа активност беше подобрување на психомоторните вештини и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари. На ова натпреварување зеде учество и нашето училиште.

- На ден **15.11.2024 год.(петок) и 20.05.2025 год.(вторник)** во организација на ОСУСГБ и Општина Гази Баба во училишната спортска сала ,,Бобан Ивановиќ" при ООУ ,, Кирил и Методиј " "- Стајковци се организираше спортска активност под мотото ,,Кошарката моја игра" за учениците од одделенската настава од училиштата на територија на општина Гази Баба. На овој настан учествуваа 120 ученици од петто одделение. Целта на оваа активност е промоција на кошарката како спорт и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари. На ова натпреварување зеде учество и нашето училиште.

- На ден **03.06.2025 година (вторник)**на атлетските борилишта во дворот на општинското основно училиште Наум Наумовски Борче се оддржаа атлетски натпревари помеѓу учениците од општинските основни училишта на територија на општина Гази Баба. Учениците се натпреваруваа во трчање, скок во далечина, скок во височина и фрлање ѓуле.

На ова натпреварување во трчање на 60 метри ЖЕНИ (6 одд) **III место** освои Деана Вучев, 60 метри МАЖИ (7 одд)**II место** освои Ѓорѓи Стојановски 100 метри ЖЕНИ (8 одд) **II место** освои Милена Николова 100 метри ЖЕНИ (9 одд) **II место** освои Вероника Пислевска 100 метри МАЖИ (9 одд) **II место** освои Даниел Коцевски Височина, МАЖИ (8-9 одд) **I место** освои Драган Петковски Далечина, МАЖИ (6-7 одд) **III место** Ѓорѓи Стојановски

Извештај за учество на општинските основни училишта на зонски натпревари

- Во организација на ФУСМАК и Сојузот на основни училишта на Град Скопје се организираа зонски натпревари во сите спортови во машка и женска конкуренција за VIII и IX одделение. На овие зонски натпревари нашето училиште зеде учество во Футсал - женски и го освои **I место** при што се пласираше на регионално натпреварување во Скопскиот регион. За најдобар играч во футсал женски на општинско ниво е прогласена **Ева Тодорчевска.**

Извештај за учество на проекти и спортски активности на ООУ „Наум Наумовски – Борче“

- Во периодот од месец ноември до крајот на месец мај во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Фудбалската Федерација на Македонија, учениците од II до V одделение под раководство на наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Боневски беа вклучени во проектот „ФУДБАЛ ВО УЧИЛИШТЕ“ .Во овој проект на општинско ниво нашето училиште го освои **I место** во конкуренција IV и V одделение, при што се пласираше за финалните натпревари на проектот. На ден 02.06.2025 година на теренитe на ФФМ се одиграа финалните натпревари од проектот„ Фудбал во училиште“ за учениците од II до V одделение на ниво на цела Македонија. За учениците од IV и V одделение нашето училиште го освои **IV место.**

- На ден **12.05. 2025 година (понеделник)** во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба, се организираше еднодневна планинска и едукативна тура на Скопска Црна Гора.Учениците имаа можност да уживаат во природната убавина и можност за планинарење на патеката Раштак - Сарачево - Јанков Камен која е една од многуте планински патеки кои ги нуди Скопска Црна Гора. На овој настан зеде учество и нашето училиште.

- На ден **21.05.2025 година (среда)** во организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба и Биатлонскиот клуб СКИИ РИС, на кејот на реката Вардар кај нас.Керамидница се организираше општински натпревар во возење ролери каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција. На овој настан во женска конкуренција пласман освои : **I место** Милена Николова ООУ Н.Н.-Борче

Одговорни наставници по физичко и здравствено образование:
Дејан Боневски, Александра Војнеска Зикова, Моника Гавриловска

Извештај за учество на натпревари и освоени награди во учебната 2024/25 година

Натпреварите влијаат кај учениците да се развива натпреварувачки дух, другарството, како и да се продлабочат и збогатат знаењата. Во текот на учебната година учениците учествуваа на следните натпревари:

Организатор на натпревар	Носител и учесници (Нас. учен. Одд.)	Освоена награда I,II,III место	Ниво (Опш.рег. држ.меѓ.)	Вид на настан (натпревар по /....)	Дата	Доказ (Дипл.приз.
Здружението ЗЕОООП, согласно проектот "Од нас зависи"	учениците од ООУ "Наум Наумовски Борче". 5а,б,в	Во тек		Проектот „Од нас зависи “ Детски натпревар во цртање	02.10.2024	
,,Градиме нови мостови,, е проектот од ОБСЕ,одобрен	Наставници и ученици 5б,5в			МИО проект ,,Градиме нови мостови,,	Во текот на учеб год. 2	

од МОН и општина Гази Баба					часа месечно	
Детска Фондација Песталоци Невладина организација	Наставник и ученици 5в	Прво место	општинско	Инклузија во образованиепроект	22.10.2024	Признание
Училиштето Н:Н:Борче - Училишна библиотека литературен конкурс	Срна Столиќ, Учествуваа 11 ученици Бојана Милошевска , 4в	1 награда за ликовена творба 2ро место	училишен	литературен конкурс по повод Месец на книгата на тема: "Волшебната моќ на книгата."	13.11.2024	Диплома
Сојуз на математичари	Марио Лешај, Мелани Игновска, Ема Илиевска ,Уна Цветковска	50бода 50бода 40бода 30бода	Меѓународен натпревар	Дабар	05.11. 2024	уверенија
Спортски натпревари Полигон	Наставник по физ и здравствено образ. Ученици од 3а Јана Тодорчевска, Мелани Игновска, Теодор Макрешански, Стефан Гелевски, Максим Стојчевски			Спортски натпревар Полигон	14.11. 2024	
Сојуз на математичари	Мелани Игновска, Уна Цветковска	50бода		Новогодишен натпревар	28.12.2024	
Новогодишен електронски натпревар за ученици од прво до трето организатор ССМ	Андреј Петровски Јан Спасовски	1 награда 1 награда		Новогодишен електронски натпревар за ученици од прво до трето организатор ССМ	28.12.2024	

Едукативен центар „New Corner“	Марио Лешај, Уна Цветковска	108 бода		Натпревар по информатичко размислување	14.12.2024	
Здружение на математичари -Дабар	Јосиф Стрезовски, Софија Стојановска, Петар Јанковски, Давид Славковски, Изабела Трајановска	учество	електронски	натпревар по математика	07.11.2024	сетрификат
Здружение на математичари -Дабар	Виктор Јовановски Јана Додевска	Сертификат	Регионален	Натпревар по математика	Ноември 2024	сертификат
Натставници по математика	Јосиф Стрезовски, Софија Стојановска, Петар Јанковски, Давид Славковски, Изабела Трајановска Ученик 4б,	учество	училишно	натпревар по математика	19.12.2024	
ООУ Н.Н.Борче актив на математичари	Милена Николова ,8б Кјара ,Соневска ,8б Анамарија Стевковска 8б	III Учесник -3	Училишен	натпревар по математика	19.12.2024	диплома

Дабар	Ученик 4б			Електронски натпревар за промовирање на информатиката	7.11.2024	сертификат
Училиштето Н:Н:Борче - Училишна библиотека	Ученик 4б,	учество	училишно	завршниот настан по повод,,Месецот на книгата", Мото ,, Волшебна книга,,	13.11.2024	благодарница
натпревар за учениците	Ученик 4б,			натпревар по информатичко размислување	14.12.2024	
Дабар	18 ученици			натпревар по информатика	Ноември	сертификат
Натставници по математика	Учествуваа 7 ученици 4в Бојан П.Јана Т.Николија р.	продолжува атопштински	Училишен	натпревар по математика		
Фолклорика	Учествуваа- 4в Ликовен Бојан П. Михаела Н. Јана Т. Талија В. Пеење-Дина П.Јана Т. ЕваБ.			ликовен и музички конкурс		
New corner натпревар по информатика	Учествуваа Филип С. Бојан П. Дина П. Јана Т. Алексеј Г.108 поени ,4в	Алексеј Г на интернационален		натпревар по информатика		

		натпревар				
Детска Фондација Песталоци Невладина организација	Наставник и ученици – 5в,5б,	Прво место	општинско	Инклузија во образованиепроект	22.10.2024	Признание
Здружението ЗЕОООП, согласно проектот "Од нас зависи" за учениците од ООУ "Наум Наумовски Борче".	Ученици – 5в,5б,5а,	Во тек		Детски натпревар во цртање	02.10.2024	
,,Градиме нови мостови,, е проектот од ОБСЕ,одобрен од МОН и општина Гази Баба	Наставници и ученици – 5в,5б,			МИО проект	целата уч. година 2 часа месечно	
Учество на информатички натпревар ,,Дабар,,	Ученици – 5а,5в,5б,			информатички натпревар	04.11.2024	сертификати
Учество на информатички натпревар Њу корнер	Ученици – 5а,5в,5б,			информатички натпревар	14.12.2024	/
Учество на Меѓународен натпревар по физика	Ученици и наставник – 5а,5в,5б,	Во тек	меѓународно	Меѓународен натпревар по физика	01.12.-24.12.2024	сертификати
Училишен натпревар по математика	Ученици – 5а,5в,5б,	/	училишно	натпревар математика	19.12.2024	/
Училишен натпревар во шах	Ученици – 5а,5в,5б,	/		Училишен натпревар во шах	23.12.2024	/

Здружение на математичари на Македонија-Дабар	2а-Виктор Јовановски Јана Додевска, 2b,	Сертификат		Натпревар по математика	Ноември 2024	сертификати
Училишен натпревар	4а-Давид Славковски Софија Стојановска	2 место 2 место	училишен	Природни науки		диплома диплома
Сојуз на макед.-биолошко друштво	4-аДавид Славковски	2 место	општински	Природни науки		диплома

Сојуз на математичари	4-аДавид Славковски	учество	општински	математика		сертификат
Едукативниот центар “New Corner” организира натпре вар по информатичко размислување за учениците од основно училиште.	4-б Миа Трајковска Ведран Трајановски Алексеј Гијевски Јана Тодосиевска Дина Панова Бојан Панов Филип Стефановски	3 место 1 место, 1,1,2,2,2	државен	информатичко размислување	14.12.2024	сертификат
Едукативен центар New Corner	Антонио Ристовски 6а Барбара Размоска 6б Јована Славковска 6б Анастасија Бошковска 7а Калина Петровска 7а Борјан Ќурчински 7б Никола Петровски 7б Илија Мирковиќ 7в	I II II пофалба III II II пофалба	државен	Информатичко размислување	14.12.2024	
Училишен натпревар по математика го организираат наставниците по математика . актив на математичари	4-в Ведран Трајановски Дарија Симоновска , Ана Гелевска, Јана Крстева Максим Миленковски Анастасија Стефановска IX в Јована Славковска VI б Михаил Стојановски VI б Иван Ангеловски VI б	3 место учество	Училишен	Училишен натпревар по математика	19.12.2024	диплома
ООУ„НН-Борче“ актив на математичари	Андреј Стојановски 9б одд Јован Максимовски 9б одд Антонио Ристовски 6а одд Анастасија Стефановска IX в Јована Славковска VI б Михаил Стојановски VI б Иван Ангеловски VI б	Учество 3 место	Училишен	натпревар по математика	19.12.2024	
ООУ Н.Н.Борче	актив на математичари Милена Николова, 8б Кќара Соневска,8б Анамарија Стевковска 8б	Пофалница учесник	општински	Натпревар по математика	31.01.2025	диплома
меѓуодделенски натпревар по ПН со сите 4 одделенија	4-bУчествуваа: Јана Нрстева, Јована Велковска Петар		Училишен	меѓуодделенски натпревар по ПН со сите 4одделенија	6.2.2025	диплома

Направен е избор за ученици кои ќе учествуваат на општински, регионален и државен натпревар.	Дракуловски , Дарија Симоновска , Михаил и Ведран Трајановски					
Институтот по хемија при ПМФ Скопје во ООУ„Стив Наумов“	Анисија Петрушевска IX а Андреј Стојановски IX Б Анастасија Стефановска IX В Петра Толева VIII А Вероника Готиќ VIII А Пепита Димовска VIII Б Кјара Соневска VIII Б Анамарија Стевковска VIII Б	1,1 2,2 УЧЕСТВО	општински	натпревар по предметот хемија	21.02.2025	
Македонското биолошко друштво во ООУ„Наум Наумовски Борче“	5а-Јана Стојановска Дамјан Никлевски 5б-Александар Марковски Дафина Велјановска Срна Бошковска 5в-Михаела Ѓуриќ Тања Краљевска Марко Петковиќ	1,3 3,2 3 2 3,2	општински	натпревар по предметот природни науки	28. 02. 2025	
Здружение на професори по Географија др Љубе Миленковски	АнисијаПетрушевска Андреј Стојановски Дамјан Насковски Ана Марија Стефковска	учество 3 место Учество учество	Општински		22.02.2025	
Општински натпревари по Природни науки– 4одд ООУ „Наум Наумовски-Борче“	Резултатите од ПН - Јана Крстева 35 70% II награда IV Петар Дракулоски 28 56% III награда IV Јована Велковска 27 54% III награда Сите тројца	продолжува ат на регионален натпревар на 4 април	Општински натпревари по Природни науки	Општински натпревари по Природни науки	28.02 2025	сертификат
Наставничкиот совет го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот. Наставничкиот совет во текот на оваа учебна година совесно и одговорно учествуваше во организацијата на воспитно-образовната работа. Наставничкиот совет како највисок стручен орган одржа тринаесет состаноци. За сите одржани состаноци на Наставничкиот совет се водени записници во посебна книга за таа намена. Во текот на учебната 2024/2025 година Наставничкиот совет во целост ја реализира програмата предвидена во Годишната програма за работа на училиштето. Реализираните задачи на Наставничкиот совет на седниците се следниве:

- Утврдување на успехот и поведението во првото тримесечие во учебната 2024/2025 година;
- Реализација на наставниот план и програма за првото тримесечие во учебната 2024/2025 година;
- Донесување етички кодекс за оценување на постигањата на учениците;
- Разгледување на извештајот од реализираниот есенски излет од II до IX одделение во излетничко место с.„Раштак“
- Извештај од реализиран фандрејзинг настан од проектот Инклузија на деца со ПОП-Здружение за асистивна технологија; Формирање на комисија за свечено одбележување на патрониот празник на училиштето;
- Информации на учениците за тековни натпревари;

Формирање инклузивни тимови за ученици;

- Училишни униформи, информации за носење и дополнително кој сака да нарача;
- Поради скоро одржаниот хуманитарен настан се предложи новогодишниот хепенинг да не се одржи во месец декември,туку во договор со родителите и учениците да се договори за понатака. Проектите кои се во тек се реализираат според програмата. Се кажа за мобилните телефони на часови да не се користат за време на часовите,кога ќе бидат на часовите телефоните да се стават во џепчињата што ги има поставено во секоја училница или да не се вадат од ранците.
- Известување за завршување на менторство на Маја Станковска за приправник Билјана Тодоровска, наставник по македонски јазик од ООУ„25 Мај“;
- Барање за назначување на ментор од нашето училиште, Маја Станковска, наставник по информатика(наставник-ментор) за приправник Игорче Дунимагловски, наставник по историја од ООУ„Стив Наумов“
- Проектите кои се во тек се реализираат според програмата. Подготовки за тековните активности, проверка на поедагошката документација и евиденција, извештаи од проверката на електронски дневници.
- Разгледување на Барање на родител за префрлање на ученик од една во друга паралелка;
- Потсетување за уредно водење на педагошката документација и евиденција. Директорката најави посета на часови заедно со стручните соработници.
- По повод новогодишните празници учениците од нашето училиште заедно со наставниците изработија честитки, новогодишни украси и изработки, кои ги поклонуваа на директорот, стручните соработници, а исто така и посетија неколку домови каде поклонија дел од нивните изработки што предизвика насмевки и топлина кај сите.
- Утврдување на бројната состојба на учениците во паралелка, редовност на учениците и можни педагошки мерки;
- Реализација на наставните планови и програми во првото полугодие од учебната 2024/25 година;
- Утврдување на успехот и поведението на учениците постигнат во текот на првото полугодие од учебната 2024/25 година; Мерки за заштита од сезонски вируси и грипови;

Презентација на измените и дополнувањата на Законот за основно образование, правилникот за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебниците во основните и средните училишта и насоки од БРО за начинот на оценување;

- Насоки за почеток на второ полугодие, престојните натпревари и планирани активности, педагошка документација и евиденција, полугодишен извештај, соработка со родители, тековни проекти.....
- Разгледување и усвојување на полугодишниот извештај на работата на училиштето;

- Подготовки за претстојниот патронен празник на училиштето;
- Презентирање на правилник за користење на мобилни уреди за време на престојот во училиште;
- Презентирање на информациите за препораки и насоки од МОН за безбедно користење на дигитални платформи од страна на учениците;
- Информации за реализација на претстојните екскурзии;
- Комисијата за прегледување на педагошката документација и евиденција 1 одделение и 7 одделение да ги прегледаат дневниците и да дадат извештај најдоцна до 31.01.2025 година. За денот на екологијата ќе се изврши уредува на надворешниот простор, каде ќе се врши хортикултурно уредување. Проектите кои се во тек се реализираат според програмата. Се кажа за натпреварите да се извршат училишните натпревари и да се направи селекција на учениците кои се издвојуваат со постигнатите резултати и за истите ученици да се достави список и училиштето ќе плати за натпреварот.
- Предлог за полагање на приправнички испит за стручен соработник,специјален едукатор и рехабилитатор-приправник Слаѓана Јовановска;
- Препорака од Општина Гази Баба за забрана за користење на мобилни телефони, паметни часовници и останати уреди за електронска комуникација и достапност до соц.мрежи за учениците во текот на наставата;
- Известување од извршената ревизија на интегрална евалуација од страна на државниот просветен инспекторат;
- Комисија за изработка на развојна програма;
- Известување за хуманитарната акција која се спроведува во нашето училиште за наш ученик, за собирање на средства потребни за негово лекување(операција). Се кажа дека е откажана посетата на мобилниот Планетариум и придружните изложби на едукативни вселенски панели, модели на вселенски летала во основните и средните училишта во РСМ на Астрономското друштво Планетариум од Земун, Србија.
- Договор за Патронен празник на училиштето и формирање на тим за протокол;
- Формирање на комисија за запишување на првачиња за учебната 2025/2026 година и формирање на комисија за запишување на ученици со надмината возраст за учебната 2025/2026 година;
- Формирање на комисија за прием на учебници и распределба на учебници за учебната 2025/2026 година;
- Апликација за гранд и фандрејзинг настан во рамки на проектот „Инклузија за деца со ПОП“;
- Известување за пробното тестирање за меѓународната студија ПИРЛС 2026 каде одговорни лица се Маја Станковска, предметен наставник, и Даниела Караташова, училишен социолог, кое ќе се спроведе во IV-а и IV-в одделение по наставниот предмет македонски јазик. Се кажа за 21 март Ден на екологијата дека сите ќе бидат прва смена, ќе има редовна настава со

- активности за чистење и уредување на училишниот двор. Се кажа дека ученичкиот парламент треба да изготви кодекс на однесување за време на големиот одмор при користење на училишниот двор, запазувајќи го законот и ограничувањето во рамки на училиштето и границите на училишниот двор. Се кажа дека се спроведе акција за садење на градинарски култури согласно добиениот грант од 30000 денари од МОН во партнерство со ООУ„ Васил Главинов“.
- Насоки од Општина Гази Баба за активности со учениците по повод настанатата ситуација;
- Информации за активности за Денот на екологијата;
- Информации за тековни активности по повод Патрониот ден на училиштето. Присутните беа известени дека заврши мандатот на Директорката Светлана Петровска, а за В.Д. Директор е назначена Елизабета Темелковска.

Утврдување на бројната состојба на учениците во паралелка, редовност на учениците и можни педагошки мерки;

Утврдување на успехот и поведението на учениците за третото тримесечие во учебната 2024/2025 година;

- Реализација на наставната програма за третото тримесечие во учебната 2024/2025 година;
- Формирање на комисија за првенец на генерација;
- Формирање на посебен стручен тим за поддршка на програмата за изведување на екскурзии, излети и други воннучилишни активности;
- Презентирање на правилник за одржување на ред и дисциплина за време на големиот одмор и малите одмори;
- Информации за проектот Инклузија на деца со ПОП, Отворете ги прозорците добиен е грант за уредување на истражувачко тактилно визуелно катчево рамки на наставата, Обезбедување дидактички материјали за поддршка на наставата и образовните можности на сите ученици, со акцент на учениците со ПОП. Со добивање на грантот треба да се одржи и Фандрејзинг настанот кој треба да се реализира во текот на месец Мај. Се кажа дека е закажано фотографирањето за учениците од 9 одделение за 24 април. Се кажа телефоните на учениците кои се оставаат во кутија, секој наставник кој има прв и последен час со учениците да ја зима кутијата и да ја враќа во наставничка канцеларија. Се кажа дека стручните увиди во основните училишта од страна на БРО поради настанатата трагедија во Кочани рокот се продолжува и стручните увиди ќе се реализираат од 07.04.2025 до 16.05.2025 година.
- Барање за назначување на ментор од нашето училиште, Маја Станковска-наставник по информатика(наставник ментор) за приправник Ивана В.Ивановска, одделенски наставник од ООУ„Дане Крапчев“;
- Завршни подготовки за претстојниот патронен празник на училиштето;
- Извештај за реализирана екскурзија за 9то одделение и настава во природа за 5то одделение;
- Информации од МОН и БРО е доставено известување и потсетување на обврската за слободни изборни предмети

- во учебната 2025/2026 година, со напомена дека во учебната 2025/2026 година слободни изборни предмети треба да изберат и учениците од VIII(осмо) одделение;
- Барање за назначување на ментор од нашето училиште, Маја Станковска-наставник по информатика(наставник ментор) за приправник Андреј Патлиџаноски, наставник по Физика од ООУ„Вера Јоциќ“;
- Извештај од реализиран фандрејзинг настан од проектот Инклузија на деца со ПОП-Здружение за асистивна технологија;
- Информација од МОН согласно Акциският план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во РСМ, 2025-2030 година. Се кажа за известувањето од МОН дека е отворен електонскиот формулар за нарачка на учебници за учебната 2025/2026;
- Утврдување на успехот, поведението за 9то одделение;
- Реализација на наставниот план;
- Договор за поделба на свидетелствата за 9то одделение;
- Прогласување Првенец на генерација;

Усвојување извештаи за реализирани екскурзии и пролетен излет;

- Информации за да се прегледаат дневниците, извештаите за воннаставните активности да се проверат и да се испратат до стручна служба, како и сите завршни извештаи. Се кажа да се направи десиминација од страна на стручните соработници и наставници кои беа на обуки;
- Утврдување на успехот и поведението од учебната 2024/25 година;
- Реализација на наставната програма за учебната 2024/25 година;
- Договор за поделба на свидетелства, датум и формирање комисија за прегледување на педагошка документација(дневници и матични книги);
- Известување за обуки од МОН/БРО;
- Годишен извештај за реализирани активности;
- Информации за професионалното досие, наставниците да си ги проверат, дали се запишани сите обуки и да се достават тие што немаат доставено. Се кажа да се внимава воннаставните активности да бидат со истиот текст во воннаставните активности и во додатокот на свидетелството, и додатокот да биде заведен со деловоден број во главната книга.

Социолог- Даниела Караташова

19. Годишен извештај од работата на Одделенскиот совет во учебната 2024/25 година

Одделенскиот совет претставува колективен стручен орган чија основна стручна дејност е унапредување на воспитнообразовниот процес во паралелките. Во работата на одделенскиот совет освен одделенските раководители и предметните наставници земаат учество директорот и стручните соработници на училиштето.

Во текот на учебната 2024/25 година се реализираа четири редовни одделенски совети, а според потребите за успешна реализација на Воспитно-образовната дејност се реализираа и повеќе состаноци на Одделенскиот совет. Во работата на одделенските совети посебно се обрна внимание на реализацијата на наставните планови и програми и на следењето на ефектите од реализацијата на целокупниот развој на учениците (емоционалниот, социјалниот и образовниот развој). Главни содржини кои се реализираа на состаноците на одделенските совети се:
Реализација на наставните програми;

Разгледување на успехот и поведението на учениците;
Подготовки за одржување на родителски средби;
Тековни активности и нивна реализација.

20. Годишен извештај од работата на Стручните активи

Годишен извештај од работата на Стручен актив на одделенска настава во учебната 2024/2025 год.

Време на реализација	**Содржина**	**Цел**	**Реализатор**	**Ресурси**	**Очекувани резултати**	**Доказ**
Јуни Август	1. Подготовка на годишни планирања по одделенија и програма на Одделенскиот актив 2. Учество во изработката на Годишната програма на училиштето 3. Изготвување програма по повод прием на првачиња	Проверка и корекции на постоечките годишни програми по одделенија; Изработка на други програми за потребите на Г.П. на училиштето (Еко, МИО, Стручен актив и сл.), договор за приредба	Наставници по одделенска настава од I – V одд. Педагог	Наставен план и програма за сите одделенија од БРО, дополнителна литература, постоечки годишни програми и сл.	Изработени годишни програми по одделенија, изработени други програми за потребите на Г.П. на училиштето (Еко, МИО, Стручен актив и сл.), изработена програма за прием на првачиња во новата учебна година	Годишни оперативни планирања по одделенска настава; Годишна програма за работа на училиштето; Фотографии од реализирана приредба
Септември	1.Изработка на личен професионален план	Самоевалуација и изработка на нов личен професионален план	Наставници, Педагог	Прирачник за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставниците (инструменти, личен професионален план на наставниците)	Наставниците знаат самостојно да изработат личен професионален план (идентификување компетенции и потреби од обуки)	Лични професионални планови на наставниците

Октомври	1.Стратегии за подобрување на квалитетот на учењето на далечина (поврзано со личниот план за проф.развој)	Да се запознаат наставниците со стратегиите на учење на далечина; договор за приредба	Наставници по одделенска настава од I – V одд. Педагог	Интернет, искуство на наставници и педагог	Подобрување на квалитетот на учењето на далечина	Линкови, фотографии, снимени материјали; Фотографии од реализирана приредба

	2. Изготвување програма по повод прием на првачиња во Детската организација					
Ноември	1.Нагледени часови по избор – употреба на современи методи и техники (наставници што ќе полагаат приправнички испит)	Стекнатите знаења да се применат во конкретен час – користење неколку методи и техники во групи	наставник – Тања Андева и Јулијана Станковска	Прирачник за современи методи и техники за учење и поучување, интернет, подготовка, инструменти, искуство на останатите наставници	Солидно реализирани часови со повеќе современи методи и техники за учење и поучување, работа во групи и сл.	Подготовки, употребени наставни листови и инструменти за следење, фотографии и сл.
Декември	„Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовната работа во училиштето од страна на училишниот педагог "- предавање	Подобрување на поучувањето на наставниците за подобрување на постигањата на учениците	Педагог	Литература, интернет, сопствено искуство	Подобрување на квалитетот на наставата и знаењата на учениците	Предавање, фотографии

Јануари	1. Развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето (поврзано со личниот план за проф.развој)	Да се вклучат семејствата и припадниците на локалната заедница во процесот на поучување (професии – предавач родител, посети на работни места и сл.)	Наставници, родители	интернет, литература, искуство на родителот/ припадникот на локалната заедница	Ги вклучува семејствата и припадниците на локалната заедница во процесот на поучување во активности што се во интерес на учениците	Подготовки од реализирани часови, работилници, посети, фотографии и сл.
	1.Нагледен час – предмет по избор-	Презентирање современи методи и техники за	Наставник по одделенска настава –	Примероци на листи за самооценување	Активно користење на современи методи и техники за	Педагошки картон на наставникот,

Февруари	самооценување на учениците	самооценување, искуство на наставникот од употребените техники - презентација на образовни практики	Благица Тодевска	, интернет, портфолија на ученици, портфолио на наставникот, искуство на наставникот и педагог	самооценување на учениците	портфолија на учениците; Фотографии од реализиран час
Март	1. Дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и воннаставните активностиза почитување на различностите и интеркултурна интеграција (поврзано со личниот план за	Подобрување на воспитнообразовниот процес на учениците со ПОП и јакнење на капацитетите на наставниците за планирање на воспитнообраз.процес на учениците со ПОП	Специјален едукатор и рехабилитатор педагог	Соодветна литература, интернет,	Подобрен воспитнообразовен процес на ученици со ПОП и професионално оспособување на наставниците за планирање на восп.образовна работа со ученици со ПОП	Фотографии од реализирана работилница

	проф.развој)					
Април	1.Нагледен час по избор – употреба на стратегии за учење на далечина	Стекнатите знаења за учење на далечина да се применат во конкретен час	наставник – Фанка Каралиева	интернет, претходни обуки; подготовка, инструменти	Солидно реализиран час со користење на платформа за учење на далечина	Подготовка, фотографии или снимен час
Мај	„Менторирање на наставник - приправник"предавање	Да се запознаат наставниците со менторската програма, менторскиот стил, начин на работа, водење евиденција и сл.	Педагог	Литература, интернет, сопствено искуство	Ги знаат основните стратегии за менторирање, користење на инструменти, начин на изработка на програма, евидентирање и сл.	Предавање, изработена менторска програма, инструменти и сл.
Јуни	1.Анализа на работата на стручниот актив за 2020/21 год.	Преку анализа на целокупната работа на активот да се воочат позитивните	Педагог, наставници, директор	Годишни планирања од I – V одд.; Годишна програма за	Стекнатите знаења и вештини според програмата на активот на одделенски	Извештај од работата на стручниот актив за 2020/21 год.

		промени и примена на наученото во пракса		работа на училиштето; Личени професионални планови на наставниците; Портфолија на наставниците, Портфолија на учениците; Подготовки, Записниви; наставни листови, инструменти за следење и самооценување и сл.	наставници се во целост усвоени и практично применети	

Претседател: Анета Пешевска

Годишен извештај за реализација на програмата за учебната 2024/2025 год. Стручен актив на природната група предмети
1. Одржан состанок на ден 16.08.2024 год.

Извештај од сумативно оценување на првото полугодие и разменување искуства од реализацијата на програмите од Кембриџ;разгледување на постигнатите резултати во првото полугодие;
консултации за тестови по блумова таксономија

2.Од одржаниот состанок на ден 25.09.2024 на активот на природната група предмети и останатите наставници

Предавањето на тема Веб алатки за интерактивна настава беше одржано од наставничката по информатика Маја Станковска. Акцентот на предавањето беше ставен на зголемување на дигиталнитев компентеции на наставниците и нивно оспособување за изработка на дигитални содржини и употерба на алатката во наставата која ќе го постигне интересот и мотивацијата кај учениците за учење.

Целите на предавањето беа :да се зголеми квалитетот на образованието како и подобрување на нивото на дигитална писменост кај учениците и наставниците;стекнување знаења и вештини за користење веб алатки и можностите кои ги нудат за изработка на дигитални содржини;споделување на активностите со учениците и другите наставници.

3. 8.10.2024 г.Одржан нагледен час по предметот **математика во VI одд.** од предметниот наставник Маја Давидовска Бошевска.

Тема : Број

Наставна содржина : Вежби од низи

Цели на часот:учениците да знаат низи кои се зголемуваат или намалуваат;правило за низите;следен член;непознати членови

Наставни форми: работа во група

Наставни методи: физичко одговарање,учење преку решавање проблеми

Техники: бура на идеи, минутна работа

4. 4.11.2024Одржан нагледен час по предметот **Географија** од предметниот наставник Катарина Марковска во VIII одделение. **Тема :** Социогеографски карактеристики и регионална поделба на Европа

Наставна содржина : Јазична и верска разноликост на Европа

Цели на часот:учениците да ги запознаат некои од разноликостите во поглед на јазикот, верата, и другите културни вредности;да осознае за трите групи на јазици;да објасни за видови на религии, вните сличности и разлики;да го појасни историјатот за постоењето и формирањето на одредени видови релилигии како христијанство,исламот и др.;

Основни наставни методи: Усно изразување, метод на разговор,демонстративен метод,метод на игра,метод на истражување,дијалошки

Форми:Индивидуална,работа во групи,заедничка,во парови,фронтална

Наставни техники:Бура на идеи,стоп

5. 27.12. 2024 Одржан нагледен час по предметот **хемија** од предметниот наставник Даниела Кузманоска во VIII одделение. **Тема :**Прости супстанции,соединенија и смеси

Наставна содржина :Час за вежби и утврдување на материјата за елементи и атоми ,хемиски симболи и соединенија

Цели на часот:учениците да разбираат дека елементите ги чинат атоми;ја опишуваат структурата на атомот како позитивно наелектризирано јадро опкружено со облак од негативно наелектризирани електрони;ги знаат хемиските симболи на првите

дваесет елементи користејќи таблица на периодниот систем на елементите, како и на некои други познати елементи вклучувајќи: железо, цинк, бакар, олово, сребро, злато и јод;ја објаснуваат идејата за соединенија.
користат различна опрема правилно; дискутираат за ризици и опасности кои се поврзани со активностите, а ги засегаат сите, и користат мерки за претпазливост

Наставни методи: Демонстративен;комуникативен;метод на пишување;монолошки;дијалошки усмено излагање;учење преку решавање проблеми;дискусија

Наставни форми:Индивидуална,работа во групи**,**заедничка**,**во парови,фронтална

Наставни техники:Бура на идеи,активно слушање,пауза за разјаснување,минутна работа

6. **На ден 16.01.2025 год**. се одржа состанок со членовите од стручниот актив на природната група предмети на кој што се даде извештај од сумативно оценување на првото полугодие како и разменување искуства за примена на инструменти за формативно оценување.

7. **На ден 17.01.2025 год.**се одржа предавање на тема „Стратегии,методи и техники за работа со надарени ученици“ од наставниците по географија Катарина Марковска и македонски јазик Соња Златевска.
Целите на предавањето беа идентификацијата на надарените ученици и препознавање на специфичните видови на способности кои се присутни кај надареният ученик.
-Координирана и индивидуализирана работа која ќе одговори на специфичните едукативни потреби на надарените ученици.

8. **25.02.2025**Одржан нагледен час по предметот **физика** од предметниот наставник Валентина Коруноска во VIII одделение.

Тема : Светлина

Наставна содржина :Само-светлечки и несветлечки предмети

Цели на часот:учениците да опишуваат како се гледаат несветлечките предмети, да користат зраци за објаснување на формирањето сенки и други феномени, да дискутираат објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање, јасно да ги споделуваат со другите.

Наставни методи: метод на разговор и дијалог ,групна дискусија ,учење преку експеримент **Наставни форми**: Фронтална ,работа во групи ,индивидуална

Методи на формативно оценување: разговор со/ меѓу учениците ,усна повратна информација, соработка во група ,ракување со апарати

Наставни техники : насочени прашања ,бура на идеи

9. **12.03.2025**Одржан нагледен час по предметот **биологија** од предметниот наставник Фросина Ристовска во VIII одделение.

Тема : Варијација

Наставна содржина :Истражување варијација кај човекот

Цели на часот:учениците да истражуваат варијации во еден вид, вклучувајќи континуирана и неконтинуирана варијација,прават мерења со соодветна точност,користат правилно различна опрема,дискутираат за активностите кои се поврзани со ризици и опасности кон себе и другите и користат мерки за претпазливост,презентираат резултати соодветно, во табели, дијаграми и графикони,прават едноставни пресметки,идентификуваат трендови и обрасци во резултатите (корелациите),споредуваат резултати со претпоставки.,дискутираат објаснувања на резултатите користејќи научно знаење и разбирање,јасно ги пренесуваат на другите

Наставни методи: метод на дискусија ,набљудување ,презентација ,усно излагање ,истражување **Наставни форми:** фронтална, индивидуална ,групна

Наставни техники: бура на идеи ,ПиО ,истражување ,прикажување на целите за часот, повторување на веќе ученото од темата.

10. 4,11,25 04.2025

Беше изработена проектна задача од Идеја до производ во петто одделение по предметот техничко образование и информатика, под водство на наставничката Виолета Миновска.

Тема : Технологија на работа со хартија и дрво

Наставна содржина : Од идеја до производ (заработка, трошок, реклама, слоган)

Целите на проектот беа да изработат модел макета која треба да ја изложат и продадат на училишен базар, да изработат на реклама на макета.

Наставниметоди: метод на разговор;

Метод на истражување; изведбена активност; самостојна работа, презентирање, воочување; дискусија со учениците;

Наставни форми: заедничка работа ,групна работа

Наставни техники:бура на идеи

11. 20.05.2025Одржан нагледен час по предметот **математика** од предметниот наставник Билјана Велјаноска во VI одделение.

Тема : Мерење
Наставна содржина Вежби од пари (валута, курсна листа, евро, центи)
Цели на часот:учениците да знаат да споредуваат цени запишани во различни валути ,да знаат да претвораат цени од една во друга валута
Наставни методи: усно изразување ,метод на разговор ,демонстративен метод ,метод на истражување,дијалошки
Наставни форми :група
Наставни техники: бура на идеи ,учење преку решавање проблеми

12. 18.06.2025
Анализа на работата на стучниот актив и изработка на програма на стручниот актив за следната учебна година.

Претседател на стручен актив : Билјана Велјаноска

Годишен извештај за реализација на програмата за учебната 2024/25 год.
Стручен актив на јазично – општествена група предмети

1. 16.09.2024
- Одржан нагледен час по предметот Француски јазик од предметниот наставник Наталија Ѓорѓевиќ Миревска
- Тема: Нагледен час - Лексика за делови од човечкото тело (ИКТ)
- Цел на часот: Целта на нагледниот час беше споделување на чек листа со критериуми за групно оценување на учениците
- Форми и методи: фронтална, индивидуална работа; демонстративен метод, вербален метод, бура на идеи, пауза за разјаснување и дискусија.

2. 03.10.2024
- Одржана дисеминација од обука од наставникот по англиски јазик Снежана Поп Алексова Боболеска
- Тема: Обука – Учење на далечина
- Цел на часот:Запознавање со нови современи начини на реализација на наставни содржини преку интернет алатки

- Форми и методи: вербален метод, демонстрациски метод, комуникативен метод, метод за работа со ИКТ, бура на идеи, критичко размислување

3. 17.11.2024

- Одржан нагледен час по предметот Граѓанско образование од предметниот наставник Ана Петровска
- Тема: Нагледен час - Прифаќање и почитување на различностите
- Цел на часот : Споделување искуства со колегите за примена на чек листа со критериуми за оценување на постигнувањата на учениците
- Форми и методи: фронтална и групна работа, метод на разговор, дијалошки метод, усно излагање, интервју, дискусија

4. 05.12.2024

- Одржан нагледен час по предметот Етика од предметниот наставник Ана Петровска
- Тема: Нагледен час - Каква е чесноста во различни случаи? ИКТ
- Цел на часот: Ученикот да ја дознава и прифаќа чесноста како основна вредност на човекот, да ја поттикнува чесноста во различни животни ситуации и да се заложува за чесноста како вредност.
- Форми и методи: Бура на идеи, дискусија, метод на практична работа, дедуктивен метод

5. 15.01.2025

- Одржана дисеминација од обука од наставникот по англиски јазик Снежана Поп Алексова Боболеска
- Тема: Обука – Изработка на eTwinning проекти со помош на дизајн размислување Design thinking методологија
- Цел на обуката:Запознавање на наставниците со Design Thinking методологијата како алатка за креирање на иновативни и креативни eTwinning проекти.
- Форми и методи: вербален метод, демонстрациски метод, комуникативен метод, метод за работа со ИКТ, бура на идеи, интерактивни активности и презентации, практична работа во групи

6. 27.01.2025

- Одржан нагледен час по предметот Англиски јазик од предметниот наставник Соња Ајдаревиќ
- Тема: Нагледен час - Лексика за делови од човечкото тело (ИКТ)
- Цел на часот: Препознавање и примена на фразалните глаголи и креирање на состав од страна на учениците
- Форми и методи: фронтална, индивидуална работа; демонстративен метод, вербален метод, бура на идеи, работа со ИКТ
  и дискусија.

7. 06.02.2025

- Одржан нагледен час по предметот Македонски јазик од предметниот наставник Сања Пецевски

- Тема: Нагледен час – Оценување на постигнувањата на учениците преку наставната содржина Временски зависносложени реченици
- Цел на часот : Целта на отворениот час беше споделување искуства со колегите за примена на чек листа со критериуми за оценување на постигнувањата на учениците.
- Форми и методи: фронтална и групна работа, метод на разговор, демонстрациски и документациски метод, работа на текст, самостојна работа, дискусија

8. 15.03.2025

- Одржана дисеминација од обука од наставникот по англиски јазик Билјана Дрвошанова
- Тема: Обука – Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици
- Цел на обуката: Запознавање на наставниците со нови начини на реализација на наставни содржини преку усвојување на стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици
- Форми и методи: вербален метод, демонстрациски метод, комуникативен метод, метод за работа со ИКТ, бура на идеи, интерактивни активности и презентации, практична работа во групи

9. 06.04.2025

- Одржан нагледен час по предметот Историја од предметниот наставник Јовица Николовски
- Тема: Нагледен час – Оценување на постигнувањата на учениците преку наставната содржина Македонците во рамките на соседните држави
- Цел на часот : Целта на отворениот час беше споделување искуства со колегите за примена на чек листа со критериуми за оценување на постигнувањата на учениците.
- Форми и методи: фронтална и групна работа, метод на разговор, Powerpoint презентација, ЗНС

10. 21.05.2025

- Одржан нагледен час по предметот Македонски јазик од предметниот наставник Соња Златевска
- Тема: Нагледен час – Оценување на постигнувањата на учениците преку наставната содржина Употреба на интерпункциски знаци : црта и цртичка
- Цел на часот : Целта на отворениот час беше споделување искуства со колегите за примена на чек листа со критериуми за оценување на постигнувањата на учениците.
- Форми и методи: фронтална и групна работа, метод на разговор, усна повратна информација, насочени прашања, анализа и синтеза.

Претседател на стручен актив: Билјана Дрвошанова

Стручен актив на вештини

(ликовно, музичко, физичко и здравствено образование и вештини на живеење)

1. Одржан состанок на ден 08.07.2024 год.

Од одржаниот состанок на стручниот актив на вештини (музичко, ликовно, физичко и здравствено образование и вештини на живеење) на ден 08.07.2024 година со Дневен ред:

- Формирање на стручен актив
- Усвојување на програмата за работа на активот

На состанокот на стручниот актив на вештини беа присутни членовите: Дејан Боневски, Моника Гаврилоска, Александра Војнеска Зикова, Марија Николоска Наневска, Весна Трајковска, Никола Наневски.

На состанокот беше дискутирано за две точки од дневниот ред и тоа: формирање на стручен актив и усвојување на програмата за работа на активот. Се дискутираше за наставните содржини кои ќе бидат застапени во годишната програма на активот во однос на предмети и месеци. Откако се направи план за програмата за работа на активот за учебната 2024-2025 година состанокот заврши.

2. 26.09.2024 год.

- Одржан нагледен час по Ликовно образование од предметниот наставник Никола Наневски во VIIIа одделение на ден 26.09.2024 година - 3 наставен час
- Тема: Цртање
- Наставна содржина: релативност на големини
- Техника:лавиран туш
- Мотив:мртва природа, портрет, слободен избор
- Цели и задачи: учениците да се оспособат да препознаат што е релативност на големините; што е размер; креативно користење техника лавиран и туш; што е визирање и што е кадар.
- Наставни форми : фронтална и индивидуална форма, групна
- Наставни методи: дискусија, усно излагање, практична работа, индивидуална работа
- На почетокот на часот наставникот објаснува како се работи техниката лавиран туш. Со учениците дискутираат што е размер и за големиниете на реалните облици и голенините на облиците кои се прикажани во ликовните дела. Учениците се подготвуваат за самостојна творечка работа. Разговораат за мотивот „Портрет“ или „Мртва природа“, за техниката лавиран туш. Наставникот ја надгледува работата на секој ученик индивидуално и ги поттикнува на критичко мислење.

Ги поттикнува да поставуваат прашања преку кои ги надополнуваат своите знаења. На крај се врши естетска анализа на творбите изработени во текот на часот, преку дискусија во која се разговара за дадениот ликовен проблем преку анализа на неколку творби, во која мислења даваат и учениците и наставникот.

3. **30.10.2024 год.**

- Одржан нагледен час по Музичко образование од предметниот наставник Весна Трајковска во VIIIб одделение на ден 30.10.2024 година 6 наставен час
- Тема: 3 Музичка писменост
- Наставна содржина: Усвојување на G-dur скала со нејзини елементи
- Цели и задачи: препознава скала G-dur со нејзините елементи; објаснува и гради скала G-dur со нејзините елементи;пее/свири скала G-dur со нејзините елементи. • Потребни ресурси,наставни средства и материјали: хамер со напишана скала C- Dur, апликација на квинтно тркало, синтисајзер, www.impls.org-партитури во скалата G- Dur;
- Наставни форми : индивидуална;фронтална • Наставни методи: демонстративна, текст метода.
- Наставна техника: венов дијаграм

На почетокот на часот од страна на наставникот беа поставени прашања и се дискутираше за скалата C-Dur. Учениците го наоѓа почетниот тон на G-Dur скала со помош на апликација од квинтно, ги обележуваат степените со знаците за цел и полустепен, го повишуваат тонот фа ги обележува стапалата, ја интерпретираат скалата G- Dur нагоре надолу, споре нивнирте гласовни можности.

4. **13.11.2024 год.**

- Одржан нагледен час по Ликовно образование од предметниот наставник Марија Николоска Наневска во IXа одделение на ден 13.11.2024 година -1 наставен час
- Тема: Цртање
- Наставна содржина: цртање и цртачки техники (линија, текстура, цртачка техника, форма,големина, лавиран туш) • Наставни средства: туш и перце или компјутер
- Цели и задачи: комбинирање на различни линии, форми и големини при цртањето, користење на графички компјутерски програми за цртање цртеж според мотиви на цртежи од познати уметници
- Наставни форми : фронтална и индивидуална форма
- Наставни методи: дискусија, усно излагање, практична работа, индивидуална работа

- На почетокот на часот наставникот го спрема нагледниот материјал а учениците го поставуваат работниот материјал на клупите. Наставникот ја објаснува постапката на цртање и цртачки техники (линија, текстура, цртачка техника, форма,големина, лавиран туш). Учениците одлучуваат која техника ќе ја користат и се започнува со изработка на дадениот мотив.

5. **24.12.2024 год.**
   - Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Моника Гаврилоска во IIIа одделение на ден 24.12.2024 година - 1 наставен час.
   - Тема: Танци
   - Наставна содржина: традиционални народни ора по избор (изведување на основни чекори од традиционално народно оро од родниот крај)
   - Цели и задачи: создавање на безбедно сигурно опкружување;почитување на различностите и следење на правилата на однесување
   - Средства: CD плеер
   - Наставни форми : фронтална форма, групна форма и индивидуална форма на работа
   - Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање
   - На почетокот на часот наставникот ја објаснува наставната содржина и ги демонстрира основни чекори од традиционално народно оро. Учениците ги следат чекорите а потоа и ги изведуваат. На крај изведбата на основни чекори од традиционално народно оро се изведуваат со музика.
6. **20.01.2025 год.**
   - Одржан нагледен час по Музичко образование од предметниот наставник Весна Трајковска во VIIа одделение на ден 20.01.2025 година 5 наставен час
   - Тема: 2 Усвојување на поим концерт- став преку „Зима” од циклусот „ Четири годишни времиња“- А.Вивалди – ИКТ- ЕКО
   - Наставна содржина: Усвојување на поим концерт- став преку „Зима”
   - Цели и задачи: разбира поим концерт како јавен настап и концерт како музичка композиција; воочува градба на концертот; дискутира за улогата на солистот и оркестарот во концертот;
   - Потребни ресурси,наставни средства и материјали: Презентација во POWER POINT, музика од youtube, линк за слушање лhttp://www.youtube.com/watch?v=Yu6Hr9kd-U0, слика од композиторот Антонио Вивалди, линкови www.google.com – images, www.youtube.com. Антонио Вивалди, www.google.com на македонски јазик и со македонска подршка пишуваме Антонио Вивалди- Википедија ;
   - Наставни форми : индивидуална;фронтална

- Наставни методи: демонстративна, дијалошка;
- Наставна техника: создавање приказ од зборови;

  На почетокот на часот наставникот создава приказ од зборови кои асоцираат на ЗИМА а учениците соодветно реагираат и даваат примери за годишното време ЗИМА како вечна мотивација и инспирација во уметноста. (песни, ликовни творби, состави) кои биле дел од нивното досегашно образование. Се врши разговор за значењето на поимот концерт и за градбата на концертот.

7. **<u>06.02.2025 год.</u>**
   - Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Александра Војнеска Зикова во VIIIб одделение на ден 06.02.2025 година - 7 наставен час.
   - Тема: Гимнастика со ритмика
   - Наставна содржина:Увежбување на елементи од партерна гимнастика во комбинација - основна техника на колут напред и колут назад
   - Цели и задачи: Да се усоврши техниката на елементите од : партерна гимнастика – акробатика; Да се развие силата и еластичноста на мускулните групи на горните екстремитети и раменият појас Да се подобри општата моторика и кординацијата на движењето во просторот.
   - Средства: Душеци и отскочна даска
   - Наставни форми : фронтална форма, групна форма и индивидуална форма на работа
   - Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање
   - На почетокот на часот наставникот ја објаснува наставната содржина и ја демонстрира техниката на колут напред и колут назад. Учениците ги следат чекорите на изведбата на колут напред и назад, при што еден по еден со асистенција на наставникот се изведуваат елементите.
8. **<u>14.03.2025 год.</u>**
   - Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Боневски Дејан во VIIa одделение на ден 14.03.2025 година - 1 наставен час.
   - Тема: Гимнастика со ритмика
   - Наставна содржина: Совладување на основна техника на ритмичко одење, трчање, потскокнување, детски, мачешки и далеку висок ИКТ
   - Цели и задачи: Да се запознаат со техниката на ритмичко одење, трчање, потскокнување, детски, мачешки и далеку висок преку ИКТ , да се запознаат со правилното држење и движење на телото,рацете и нозете, да се совлада правилното поставување на телото при ритмичко одење, трчање, потскокнување, детски, мачешки и далеку висок,да се

совлада правилното поставување на нозете при ритмичко одење, трчање потскокнување, детски, мачешки и далеку висок.

- Средства: Рипстоли
- Наставни форми : фронтална форма, групна форма и индивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање
- На почетокот на часот наставникот ја објаснува наставната содржина и ја демонстрира техниката на ритмичко одење,трчање потскокнување, детски, мачешки и далеку висок преку користење на ИКТ - со прикажување на видео клипови, а потоа наставникот практично го демонстрира ритмичко одење, трчање, потскокнување, детски, мачешки и далеку висок.

Се посочува посебно внимание да се посвети врз правилното држење на телото, рацете и движењето на нозете. Поставеноста на учениците е во колони, при што се изведуваат елементите од страна на учениците.

9. <u>01.04.2025 год.</u>

- Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Боневски Дејан во VIIIв одделение на ден 01.04.2025 година - 4 наставен час.
- Тема: Ракомет
- Наставна содржина: Увежбување на основна техника на водење, додавање и шут на гол
- Цели и задачи: да се увежбува техниката на водење, додавање и шутирање на гол од 6 и 9 метри
- Средства: ракометни топки, чуњеви и конуси
- Наставни форми : фронтална, групна, паралелна и индивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање
- На почетокот на часот наставникот ја објаснува наставната содржина и ја демонстрира техниката на на водење, додавање и шутирање на гол од 6 и 9 метри. Поставеноста на учениците е во колони и редици, при што се изведуваат елементите од страна на учениците.

10. <u>13.05.2025 год.</u>

- Одржан нагледен час по Ликовно образование од предметниот наставник Никола Наневски во IXа одделение на ден 13.05.2025 година - 4 наставен час
- Тема: Сликање
- Наставна содржина: Време и стил
- Техника: темпера

- Мотив: по избор (Мојата идна професија)
- Цели и задачи: учениците да се оспособат да го разберат влијанието на секојдневниот живот врз уметноста, да знаат што е стил, да дискутираат за различни временски периоди и стилови, креативно да се изразуваат со користење на моделација
- Наставни форми и методи : фронтална, индивидуална форма, дискусија, усно излагање, практична работа
- На почетокот на часот наставникот го спрема нагледниот материјал. Учениците го поставуваат работниот материјал на клупите и се води дискусија за прикажаните репродукции, времето и стиолот во кој се настанати. Се води дискусија за влијанието на секојдневниот живот врз уметноста. Се објаснува стилот и како да се создаде слика во одреден стил. Учениците создаваат индивидуални творби на мотив „ Мојата идна професија“ во техника темпера. Во завршниот дел од часот учениците вршат естеска анализа на сопствените дела изработени во текот на часот преку дискусија.

Претседател на стручен актив: Дејан Боневски

21. Годишен извештај од работата на Директорот во учебната 2024 /25 година

Работа на директорот е насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно - образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата согласно законот и правилниците. Поставените цели и задачи ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024 / 2025 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година. Во овој период директорт на училиштето ги извршуваше следните активности:

СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Анализа на материјално – техничка состојба во училиштето	Организирање на административно – техничкиот персонал	август
Учество во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето	Идеи, анализа и заклучоци	август
Распределба на задолженија околу техничките и други подготовки за успешен почеток на учебната година	Организирање и распределба на задолженија	август
Распределба на часови, класни раководства и одд.раководители	Планирање и реализирање	август
Распределба на ученици во прво одделение во паралелки	Планирање и реализирање	август

Прием на првачиња – подготовка и организирање на свечен прием	Планирање,организирање и реализирање	септември
Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација	Укажување и реализирање	контуинирано
Советодавна – консултативна работа со наставниците, родителите, учениците	Советување, информирање и реализирање	континуирано
Следење на редовната настава и воннаставните ученички активности	Следење, укажување и реализирање	континуирано
Организација и учество во одбележување на празници и други настани	Идеи,организирање и реализирање	континуирано
Организација во работата на сметководството и увид во финансиски-материјалното работење на училиштето.	Увид , анализа, организирање, почитување на законски акти	континуирано

АНАЛИТИЧКО СТУДИСКА РАБОТА

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците	Анализа и реализирање	континуирано
Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво, второ тримесечие, трето тромесечие и крај на година	Анализа и заклучоци	ноември јануари април, јуни
Учество во изготвување на извештаи потребни за училиштето, БРО, општината, МОН, ДПИ	Насочување, информирање,следење	континуирано
Изготвување и поднесување Полугодишниот извештај на училиштето во првото полугодие Годишен извештај на училишќето	Изготвување, анализа, информирање	Јануари јуни
Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи	Планирање, собирање податоци, советување, анализа	континуирано
Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно-образовниот процес	Информирање, следење	континуирано

ПЕДАГОШКА – ИНСТРУКТИВНА РАБОТА

Активности	Начин на реализација	Време на реализација

Увид во водењето на педагошката евиденција и документација - дневни подготовки - е-дневник - матична книга	Проверување, информирање	октомври,ноември, декември, јануари
Увид во реализација на наставниот план и програма	Следење, проверување,	ноември декември април јуни
Увид во работата на стручните органи	Следење, советување, информирање	континуирано
Увид во часовите по дополнителна, додатна и воннаставните активности	Следење , информирање	континуирано
Посета на часови и водење евиденција за истите	Следење, повратна информација	ноември, декември април јуни
Организирање на учество на семинари за стручно усовршување на наставниците	Планирање, организирање, реализирање	Септември, јануари, јуни
Преземање на проектни активности	Организирање, соработка, реализирање	континуирано
Планирање и набавување на нагледни средства	Планирање, набавка, реализирање	Јуни, август, март, декември, јануари
Поттикнување на наставниците за организирање нагледни часови и взаемно посетување на истите од страна на наставниците	Поттикнување, советување, реализирање	октомври, ноември,март, мај

ПЕРМАНЕНТНО,СТРУЧНО, ПЕДАГОШКО – ПСИХОЛОШКО УСОВРШУВАЊЕ

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Следење и помош при стручно усовршување на наставниот кадар	следење,организирање	континуирано
Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература	Следење, проверување, организирање	континуирано
Продолжување на менторства за наставници – приправници	Информирање	Септември, јануари

РАБОТА СО СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

Активности	Начин на реализација	Време на реализација

Планирање и програмирање на работата на Одделенските и Наставничкиот совет и реализација на програмските цели	Планирање , организирање, реализирање	септември, ноември, јануари, март, април, мај, јуни
Подготовка и раководење со седниците	Информирање, реализирање	континуирано
Јавност и транспарентност во работењето	Информирање	континуирано
Учество во работата на Органот на управување	разговори, информирање	август, септември, октомври, ноември, јануари, април, јуни
Соработка со Советот на родители	разговори, информирање	август,октомври,ноември, јануари, април,мај, јуни

СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации	Планирање , информирање,организирање, реализирање	октомври, ноември,декември,март, мај,
Насочување и давање помош во организирање на културнозабавниот живот на учениците	Соработка, организирање, реализирање	континуирано
Координирање и насочување на активности со одделни категории ученици	Соработка, организирање, реализирање	континуирано
Организирање активности за одржување и уредување на блиската околина	разговори, реализирање	континуирано
Соработка со локалната средина	Информирање	континуирано
Организирање на училишни натпревари: општински, регионални државни	Координирање	континуирано

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ НА УЧЕНИЦИ

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Учество на родители во реализација на активности во училиштето	Информирање,организирање, реализирање	континуирано
Навремено запознавање на родителите со оперативната регулатива, како и куќниот ред и казните	Соработка, информирање, реализирање	континуирано

Редовно информирање на родителите за сите важни прашања од животот и работата на училиштето непосредно и посредно преку одд.раководители	Информирање	континуирано

СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување подршка Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство и слично)	Соработка, информирање, реализирање	континуирано
Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците -Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница -Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето -Соработка со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите Соработка со други училишта	Информирање	континуирано
Комуникација и односи со јавност -Формирање тимови за односи со јавноста - Комуницирање со вработените непосредно во писмена и во електронска форма - Користење на различни видови и приоди во формална и неформална комуникација позитивен модел на комуникациски вештини со вработените - Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците	Координирање, соработка, комуницирање, информирање, реализирање	континуирано

- Конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците - Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето - Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето		
Професионален и кариерен развој - Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој - Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници) - Менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој - Користење на различни инструменти за евалуација на работата	Анализирање, планирање, реализација	Јануари, Јуни, Август
Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање - Спроведување интервју со потенцијални кандидати за вработување - Обезбедување стручен и компетентен кадар - Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна подршка - Препознавање и наградување на индивидуални постигнувања	Анализирање, реализирање, следење Афирмирање на постигањата	Август, јануари, континуирано

Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот - Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично - Обезбедување услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба - Формирање инклузивни тимови за учениците - Обезбедување активности за запознавање со културите на заедниците - Обезбедување на услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации - Обезбедување на услови за започнување на наставата со препораки изготвени од надлежните институции	Набавка на средства за хигиена Организирање, следење Спроведување и организирање активности	Тековно Септември Континуирано Август, септември контуинирано континуирано

СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Анализа на материјално – техничка состојба во училиштето	Организирање на административно – техничкиот персонал	Август
Учество во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето	Идеи, анализа и заклучоци	Август
Распределба на задолженија околу техничките и други подготовки за успешен почеток на учебната година	Организирање и распределба а задолженија	Август
Распределба на часови, класни раководства и одд.раководители	Планирање и реализирање	Август
Распределба на ученици во прво одделение во 2 паралелки	Планирање и реализирање	Август
Прием на првачиња – подготовка и организирање на свечен прием	Планирање,организирање и реализирање	Септември
Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација	Укажување и реализирање	Контуинирано

Советодавна – консултативна работа со наставниците, родителите, учениците	Советување, информирање и реализирање	Континуирано
Следење на редовната настава и воннаставните ученички активности	Следење, укажување и реализирање	Континуирано
Организација и учество во одбележување на празници и други настани	Идеи, организирање и реализирање	Континуирано
Организација во работата на сметководството и увид во финансиски-материјалното работење на училиштето.	Увид , анализа, организирање, почитување на законски акти	Континуирано

АНАЛИТИЧКО СТУДИСКА РАБОТА

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците	Анализа и реализирање	Континуирано
Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво, второ тримесечие, трето тромесечие и крај на година	Анализа и заклучоци	ноември, јануари април, јуни
Учество во изготвување на извештаи потребни за училиштето, БРО, општината, МОН, ДПИ	Насочување, информирање,следење	Континуирано
Изготвување и поднесување Полугодишниот извештај на училиштето во првото полугодие Годишен извештај на училиштето	Изготвување, анализа, информирање	Јануари Јуни
Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи	Планирање, собирање податоци, советување, анализа	Континуирано
Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно-образовниот процес	Информирање, следење	Континуирано

ПЕДАГОШКА – ИНСТРУКТИВНА РАБОТА

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Увид во водењето на педагошката евиденција и документација - планирања, дневни подготовки - е-дневник - матична книга	Проверување, информирање	октомври,ноември, декември, јануари
Увид во реализација на наставниот план и програма	Следење, проверување,	ноември, декември април, јуни
Увид во работата на стручните органи	Следење, советување, информирање	Континуирано

Увид во часовите по дополнителна, додатна и воннаставните активности	Следење , информирање	Континуирано
Посета на часови и водење евиденција за истите	Следење, повратн а информација	ноември, декември март ,мај
Организирање на учество на семинари за стручно усовршување на наставниците	Планирање, организирање, реализирање	Септември, јануари, јуни
Преземање на проектни активности	Организирање, соработка, реализирање	Континуирано
Планирање и набавување на нагледни средства	Планирање, набавка, реализирање	Јуни, август, март, декември, јануари
Поттикнување на наставниците за организирање нагледни часови и взаемно посетување на истите од страна на наставниците	Поттикнување, советување, реализирање	октомври, ноември,март, мај

ПЕРМАНЕНТНО,СТРУЧНО, ПЕДАГОШКО – ПСИХОЛОШКО УСОВРШУВАЊЕ

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Следење и помош при стручно усовршување на наставниот кадар	следење,организирање	Континуирано
Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература	Следење, проверување, организирање	континуирано
Продолжување на менторства за наставници – приправници	Информирање	Септември, јануари

РАБОТА СО СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Планирање и програмирање на работата на Одделенските и Наставничкиот совет и реализација на програмските цели	Планирање , организирање, реализирање	септември, ноември, јануари, март, април, мај, јуни
Подготовка и раководење со седниците	Информирање, реализирање	континуирано
Јавност и транспарентност во работењето	Информирање	Континуирано
Учество во работата на Органот на управување	разговори, информирање	август, септември, октомври, ноември, јануари, април, јуни

Соработка со Советот на родители	разговори, информирање	август, октомври, ноември, јануари, април, мај, јуни

СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации	Планирање , информирање, организирање,реализирање	октомври, ноември, декември,март, мај,
Насочување и давање помош во организирање на културнозабавниот живот на учениците	Соработка, организирање, реализирање	континуирано
Координирање и насочување на активности со одделни категории ученици	Соработка, организирање, реализирање	Континуирано
Организирање активности за одржување и уредување на блиската околина	разговори, реализирање	Континуирано
Соработка со локалната средина	Информирање	Континуирано
Организирање на училишни натпревари: општински, регионални државни	Координирање	Континуирано

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ НА УЧЕНИЦИ

Активности	Начин на реализација	Време на реализација
Учество на родители во реализација на активности во училиштето	Информирање,организирање, реализирање	континуирано
Навремено запознавање на родителите со оперативната регулатива, како и куќниот ред и казните	Соработка, информирање, реализирање	континуирано
Редовно информирање на родителите за сите важни прашања од животот и работата на училиштето непосредно и посредно преку одд.раководители	Информирање	Континуирано

Директорот согласно програмата во областа на Водство- Врши влијание на вработените во училиштето да ги претставуваат прифатените вредности во училиштето во опкружувањето и пошироко со соодветен избор на стилови на водство и примена согласно ситуацијата .Се вложува во развојот на идентификуваните водачи, формирање тимови, давање ресурси и слобода за дејствување и остварува континуирана соработка (хоризонтална и вертикална) со органите и телата во училиштето Во областа на училишна клима и култура воспоставува механизми за поддршка на наставниците и учениците со што придонесува за нивни

високи постигања и превзема активности за одржување на постојано поттикнувачка атмосфера и градење позитивна клима на прифаќање и почитување на сите
Воспоставува систем што обезбедува сите ученици да се чувствуваат безбедни и прифатени вклучувајќи ги и учениците со ПОП како и процедури што обезбедуваат култура на транспарентност и одговорност.
Обезбедува принцип на „отворена врата" за соработка со наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис сектор
Создава услови за реализација за активности од областа на инклузија мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, екологија и др.
Редовно информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедува подршка и соработува со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство и слично) Врши презентација на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците
Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница
Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето. Соработка со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите. Соработка со институции надлежни за образованието- МОН, БРО, ДПИ и др. Обезбедува услови за соработка со други училишта Реализација на планирани активности со родителите во одделни сегменти во воспитно образовниот процес.
II. Раководење со човечки ресурси

- Формира тимови за односи со јавноста и изготвување акционен план и програма за презентација на училиштето
- Воспоставување и одржување јасен систем на комуникација во училиштето и средината
- Комуницира со вработените континуирано, непосредно во писмена и во електронска форма
- Користи на различни видови и приоди во формална и неформална комуникација
- Применува на позитивен модел на комуникациски вештини со вработените и се приспособува на начинот на комуникација за надминување на недоразбирањата
- Планира на состаноците и навремено информирање на учесниците
- Конструктивно насочува на дискусии за време на состаноците
- Гради стратегија за одржување на угледот на училиштето
- Реализација на планот за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на вработените и наставата во училиштето и го следи осипувањето и гради стратегија за негово намалување во училиштето

Директорот става акцент на напредување на човечките односи со градење јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите, активно учествува во разрешување конфликти и градење добри меѓучовечки односи. Води

грижа при распределба на работните ангажмани на вработените и равива клима и култура кои го подржуват вклучувањето на вработените во донесувањето одлуки, поставување цели и креирање промени.

Во однос на професионален и кариерен развој врши анализирање на ефективноста на сопственото работење и има изготвен личен план за професионален развој

- Воспоставува систем и план за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници) како и менаџирање со активностите предвидени во годишниот план за професионален развој и користење на различни инструменти за евалуација на работата
- Обезбедува кадар, работно воведување и ангажирање, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработувањесо цел да се обезбедување стручен и компетентен кадар
- Континуирано ја следи работата на сите вработени и обезбедува соодветна подршка, ги препознава и наградува индивидуални постигнувања

III. Педагошко раководење на училиштето

При планирањето има изграден систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето Врши ревидирање на програмите краткорочно, среднорочно и долгорочно. Ги презентира годишните планирања пред органите и телата на училиштето и пред локалната заедница.Иницира и насочува активности за иновација во наставата Континуирано дава подршка на наставата и учењето со воспоставување процедури за планирање на наставата и на воннаставните активности, подршка на наставниците при планирањето, изработка и користење инструменти за следење на наставата Најмалку четири пати ги следи наставни часови и дава повратни информации за секој наставник

Врши евалуација преку

- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми
- Поддршка на тимовите за изработка на самоевалуацијата
- Водење советодавно – инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите
- Обезбедување размена на добри практики на иновативна настава во рамките на училиштето и со други училишта вклучувајки и користење на современо образовна технологија

Се грижи за создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

- Обезбедување грижа од страна на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично
- Обезбедува услови за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба - Формира инклузивни тимови, активности за запознавање со културите на заедниците што живеат во Македонија
- Создава услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации

Раководење со финансиските ресурси

- Пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и дополнителни средства за училиштето

- Следи на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет
- Ги информира органите и телата во училиштето за трошење на финансиските сретства
- Навремено ги исполнува финансиските обврски
- Ги следи постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот
- Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка

Раководење со материјалните ресурси

- Реализација на планот и распоредот за максимално коистење на расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности во согласно со потребите
- Реализација во обезбедување на потребни материјални ресурси за одвивање на наставата
- Вклучување на вработените во планирањето на буџетот и информирање за негова прераспределба
- Обезбедување на материјални ресурси за непречено одвивање на наставата

Законско и административно работење на училиштето- Примена на законски и под законски акти

- Обезбедува примена на законската регулатива во училиштето
- Воспоставува систем за информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантни законски прописи
- Организира и учествува во работата на тимовите за изработка на интерни акти
- Носи интерни акти во сопствена надлежност
- Обезбедува доследно спроведување на интерните акти
- Спроведува одлуки донесени од училишниот одбор

Раководење со административните процеси

- Организира и ја следи работата на вработените и обезбедува соодветни услови
- Доделува задачи на вработените, обезбедува почитување на рокови и непосредно раководи со процесот
- Воспоставува добро организиран систем за административни работи во училиштето

Примена на информациските системи во училиштето

- Обезбедува услови за развој и функционирање на информациските системи
- Обезбедување услови за посеопфатна електронска евиденција на сите активности на училиштето - Користи информациски системи во секојдневната работа.

Директор, Светлана Петровска
В.д.директор Елизабета Темелковска

22. Годишен извештај од работата на Педагогот во учебната 2024/2025 год.

Педагоготсвоите работни задачи ги реализира согласно Годишна програма за работа на педагогот и Годишната програма за работа на училиштето. Стручната работа на педагогот се реализира преку педагошко-инструктивна, информативна и советодавна работа со наставниците, учениците и родителите, како и аналитичко-истражувачка работа.

Согласно програма за работа од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

1. Работа со ученици

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Советодавна работа со ученици за надминување на причините и проблемите при следење на наставата

-Давање помош и поддршка за вклучување на учениците во учество во проекти и активности

-Поддршка и учество во спроведување на ученички иницијативи(хуманитарна иницијатива за собирање и донирање храна, кампања за развивање свест за чување на училишниот инвентар, иницијатива за врсничка поддршка)

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивните тимови

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања

- Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
- Седење и евиденција на освоените места и награди на учениците и учество на интерни, општински, регионални и републички натпревари
- Учество во работа на професионална информација и ориентација на учениците
- Процена на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем

2. Работа со наставници

-Помош и поддршка во изготвување на годишните и тематскитеи дневните планирања за работа на наставниците

-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес

-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценување на учениците

-Организирање и реализирање информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник- родител.

-Поддршка и помош на наставниците во следењето на причините за потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат учениците при реализација на наставата, предлагање на стратегии за надминување на проблемите и следење на ефектите од превземените активности

-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања како член на инклузивниот тим

-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење

-Соработка и поддршка на стручните активи во училиштето

-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки, консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови.

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент, во соработка со психологот и одговорните наставници

- Соработка со наставниците при реализирање на активности од проекти кои се спроведуваат во училиштето

-Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети на крај на секој класификационен период

-Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење стручна литература

-Помош и поддршка на наставниците во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој

- Поддршка на наставниците при изготвување на личен план за професионален развој

-Поддршка на наставниците при реализација на активности во рамките на проекти кои се спроведуваат во училиштето - Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација

-Водење на професионално досие на наставниците

3. Работа со родители

-Информирање на родителите, членови на Училишниот одбор и Советот на родители за работата на училиштето
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми
- Соработка со родителите при спроведување на активности во рамките на проектоте кои се реализираат во училиштето
- Помош при анкетирање на родиелите за избор на втор странски јазик и изборни предмети кои ќе ги изучуваат нивните деца
-Соработка и поттикнување на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето

4. Соработка со заедницата

- Во работата на педагогот значајна е соработка со образовни здравствени, социјални научни, културни и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на македонија СОС-Детско село Македонија, Институт за педагогија, детска градинка “Детска радост “, основни и средни училишта од општина ГазиБаба и град Скопје „ Амбуланта – Ченто“, и др..

-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

-
Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

- Соработка со УКИМ Филозофски факултет-Институт за педагогија
- Учество во организација на отворен ден на Граѓанско образование на кој се промовираа ученичките иницијативи чија цел е поттикнување на одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата, како и преземање активности за позитивни промени.

5. Професионален развој и професионална соработка

-Изготвување личен план за професионален развој;

-Соработка со УКИМ Филозофски факултет-Институт за педагогија -
Учество во проекти,вебинари, работилници, трибини, конференции...

-Присуство на обука на тема: ,,Професионалната етика и деловното однесување како фактори на здрава социјална клима во училиштето“;

- Учество на обука на тема:„Соработка помеѓу семејства и училиште во справување со врсничко насилство и кибер насилство“
- Учество на обука на тема:„ Унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовен контекст
- Учество на обука на тема:„Спречување и борба против трговија со деца“

-личниот професионален развој преку учество и следење на семинари, обуки, работилници и други активности од БРОМ, МОН, разни институции, здруженија, како и редовно учество на стручните состаноци во размена на искуства преку активно учество во Секцијата на педагози на основни училишта на град Скопје “Гласот на педагог”

-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература

-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој

-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

- Учествуво во активности во училиштето што се одвиваа во рамките на Проектите: Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем . Учество во активности од Проектот Меѓуетничка интеграција во образованието „Градиме мостови“ кој се реализира во текот на учебна година во наставата и преку воннаставните активности, посета на менторски средби и др. Учество во проектот Намалување на насилството во соработка со наставниците и други стручни соработници - преку одржување работилници и други активности кои се имплементираат во училиштето.

-

6. Аналитичко-истражувачка работа

-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на секој класификационен период по пол , предмети, паралелки, одделенија, етничка припадност.

-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2022/23, 2023/24 и 2024/25г.)

-Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава(учебни 2023/2024 и 2024/25год.)

Анализа од проверка на совладаноста на почетното ракописно пишување кај учениците од второ одделение преку задавање диктат

-Изготвување извештаи по спроведени анкети за избор на втор странски јазик и изборен предмет

- Подготврни се прегледи за ученици со потешкотии во учењето и со слаби оценки, со неоправдани изостаноци, неоценети ученици и др.
- подготовка прегледи за барани податоци, анализи, извештаи и статистички прегледи за потребите на училиштето и по барање од МОН, БРО, Општина , Завод за статистика и други институции поврзани со нашата дејност,

7. Училишна структура, организација и клима

Во планирање, програмирање и организирање на воспитно образовната работа во училиштето, педагогот учествуваше во: - Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2024/25г.

- подготовка програма за сопствената работа, - подготовка на инструменти за следење на планирање на наставата и воспитнообразовната дејност од страна на наставниците (годишните, тематските, дневните и друг вид планирања)
- Учество во планирање и организирање на воспитно- образовниот процес во училиштето

-Учество во изготвување програма на училишниот инклузивен тим

-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии

-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето

-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците

-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа

-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет - Учество во изработка на програма за професионален развој

-Следење на планирањата на наставниот кадар

-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците

-

- Учество во изготвување евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација

-Запоишување деца во прво одделение (опсервација на децата, разговор со родителите на децата за нивниот развој),

-Формирање паралелки за прво одделение согласно одредени критериуми

-Запознавање на одделенските наставници од прво одделение со карактеристиките /сознанијата добиени од опсервацијата при упис на децата во прво одделение

-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки

-Следење на уписот на учениците во прва година средно образование

-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава - Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности

Учество во спроведување на самоевалуација на работата на училиштето

-Следење на постапките на оценување на учениците

- Следење на редовноста на учениците и подготовка прегледи за изостаноци на учениците по паралелки, одделенија и по пол. -Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;

-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

- Следење на процесот на преминот од одделенска во предметна настава.

- Програмата за работа на училишниот педагог се реализира во соработка со директорот на училиштето, стручните соработници(социологот, психологот и мобилниот дефектолог), наставниците, родителите, БРО, Просветен инспекторат, претставници на образовни, здравствени и др. институции надвор од училиштето.

8.Педагошка евиденција и документација

- Педагошката евиденција и документација за својата работа ја води редовно и уредно. Сите активности во рамки на работните задачи на педагогот во училиштето придонесуваат за успешна реализација воспитно-образовната работа во училиштето за квалитетен и успешен образовен процес: ученицте, наставниците и родителите.

- Годишна програма за сопствената работа;
- Месечен оперативен план за работа
- Хронолошки дневник за работа;
- Водење професионално досие на наставниците

-

- Документација од извршената аналитичко истражувачка работа
- Евиденција за реализирани средби со родители;

Педагог: Калина Пуловска

23. Годишен извештај од работата на Социологот во учебната 2024/25 год.

Социологот главно работи со ученици во правец на нивна социјализација, дружење и развивање позитивни вредности кај нив. Тој ги следи, идентификува и работи со ученици кои имаат проблеми со приспособувањето и прифаќањето на средината и правилно користење на слободното време и приспособување на нормите на однесување. Социологот на учениците им помага во меѓусебната интеракција, поточно им помага да водат успешна комуникација меѓу себе, како и комуникација меѓу ученикот и наставникот. За таа цел социологот во рамките на своите активности организира стручни советувања на теми кои се релевантни на нивниот развој, организира општествени активности на учениците во училиштето и надвор од него, работи на подобрување на односите меѓу учениците од различни ентитети и маргинилизарни групи, работи на зајакнување на соработката меѓу учениците и слични активности. Во текот на учебната година социологот работеше и реализираше активности по програмските подрачја:

1. Работа со ученици
   -Поддршка на учениците во учењето;
   -Следење и поддршка на развојот на учениците;
2. Работа со наставници
   -Поддршка на наставниците во планирање и реализирање на воспитно образовната дејност и самоевалуација;
   -Поддршка на наставниците за работа со учениците;
3. Работа со родители
   -Индивидуални и групни советувања со родители и консултации;
   -Вклучување на родителите во животот и работата на учениците во училиште;
4. Соработка со заедницата
   -Соработка со локалната заедница;
5. Професионален развој и соработка
   -Поддршка во професионалниот развој и соработка во училиштето;
6. Аналитичко истражувачка работа
   - Истражување на воспитно-образовната работа;
7. Училишна структура, клима и организација
   -Планирање и следење на воспитно образовната работа, педагошка евидеција и документација, евалуација;
   -Училипна клима, безбедна средина и демократско учество.

Реализирана програмска активност	*Време на реализација*	*Соработници/реализатори*
Подрачје 1: Работа со ученици		
Организација и реализација на различни видови индивидуална и групна работа со ученици за прашања поврзани со учењето, успехот, системот на вредности	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Социолог
Следење, идентификација и работа со ученици кои имаат проблеми со успехот, редовноста и дисциплината	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Следење, идентификување и работа со ученици кои имаат проблеми со планирање на слободното време, со прилагодувањето и асоцијалноста	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Прибирање информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници,
Реализирани работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје(пр.зависност, диети, справување со стрес, справување со насилство, булинг, асоцијално однесување, справување со дискриминација и сл.)	Октомври 2024 Април 2025	Ученици, Стручни соработници
Организирање презентации на кои средните училишта, стопанските субјекти се претставуваат пред учениците	Април/Мај 2025	Претставници од средни училишта
Подрачје 2: Работа со наставници		

Следење на наставата и за различни аспекти кои се набљудувани давање повратна информација(писмена или усна) на наставниците	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Набљудување на однесувањето на учениците од паралелката за време на настава и одмори дава повратна информација на наставникот за подобрување на социо-емоционалната клима во училницата	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Подрачје 3: Работа со родители		
Советување на родители	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Родители
Информирање на родителите за услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците	Во текот на цела учебна година	Родители
Превземање со родителите за превентивни мерки за спречување на негативното влијание на заедницата врз младите и за надминување на изразени тешкотии	Во текот на цела учебна година	Родители
Подрачје 4: Соработка со заедницата		
Учество во планирањето, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците(посети, реализација на наставни и воннаставни активности)	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Соработка со релевантни институции	Во текот на цела учебна година	Црвен крст Гази Баба ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Поликлиника Ченто
Подрачје 5: Професионален развој и професионална соработка		

Учество во работата на тимот за професионален развој во училиштето	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Упатување на наставниците да користат различни ресурси за осовременување на наставниот процес	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници
Подрачје 6: Аналитичко-истражувачка работа		
Изработка на прегледи, анализи (споредбени, трендови) и извештаи на успехот, поведението, редовноста, опфатот и напредувањето на учениците	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Подрачје 7: Училишна структура, организација и клима		
Учество во изготвувањето на Развојната и Годишната програма за работа на училиштето	Јули/Август 2024	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Учество во организацијата на работата во училиштето(распоред, календар) Распределба на учениците, планирање и програмирање	Септември 2024	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Учество во организирање хуманитарни акции за помош на учениците од социјално ранливи категории	Во текот на цела учебна година	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници
Учество во изработка на Годишен извештај на училиштето	Јуни 2025	Стручни соработници, Директор

Социолог, Даниела Караташова

24. Годишен извештај за работатата на психологот во учебната 2024 / 2025 година

Во текот на учебната година психологот работеше и реализираше активности по програмските подрачја:

Работа со ученици

- Поддршка на учениците во учењето;
- Поддршка и следење на личниот раст и развој на учениците;
- Професионална кариерна поддршка на учениците;

Работа со наставници

- Поддршка на наставниците во планирање и реализирање на воспитно образовната дејност и самоевалуација; - Поддршка на наставниците за работа со учениците;

Работа со родители

- Индивидуални и групни советувања со родители и консултации;
- Вклучување на родителите во животот и работата на учениците во училиште;

Соработка со заедницата

- Соработка со локалната заедница;

Професионален развој и соработка

- Поддршка во професионалниот развој и соработка во училиштето; Аналитичко истражувачка работа
- Истражување на воспитно-образовната работа;

Училишна структура, клима и организација

- Планирање и следење на воспитно образовната работа, педагошка евидеција и документација, евалуација; - Училипна клима, безбедна средина и демократско учество.

Поддршка на учениците

Примарна цел во работата на училишниот психолог е емоционалниот развој на учениците, поддршка и развој на нивните позитивни лични карактеристики.

Психологот ги препознава, идентификува и работи со учениците кои манифестираат емоционални поттешкотии, проблеми во однесувањето и во приспособување во социјалното опкружување. Препознава, идентификува и работи со надарени и талентирани ученици. За оптимален психосоцијален развој училишниот психолог организира работилници за поттикнување и развој на самодовербата, поттикнување и развој на одговорно однесување, справување со кризни ситуации.

Училишниот психолог има одговорност и сериозен предизвик да се грижи за менталното здравје на учениците во постојана соработка со родителите, наставниците, заедницата.

Поддршка на наставниците

Психологот особено им помага на наставниците во работата со учениците со цел тие да напредуваат според сопствените потенцијали, креирањето соодветна атмосфера за работа, како и за воспоставување ефективна комуникација со учениците и меѓу учениците во процесот на наставата и учењето.

Поддршка на родителите

Соработката со родителите опфаќа поддршка на родителите во препознавање и разбирање на индивидуалните развојни карактеристики кај секој ученик, криза во однесувањето и учењето, поддршка во делот на надминување на психосоцијалните поттешкотии.

Соработка со локалната и поширокатa заедница

Соработката со заедницата е фокусиран на соработка со образовните, здравствените, социјалните, културните, научните инситуции со цел поквалитетен и здрав психосоцијален развој на учениците.

Аналитичко-истражувачка работа

Психологот ја истражува и анализира климата во училиштето, го следи и анализира развојот на учениците, превзема мерки за подобрување на севкупниот развој на ученицте.

Училишна структура, клима и организација

Психологот креира превентивни програми за грижа за менталното и физичкото здравје на учениците, демократска партиципација на учениците во училиштето, интервенирање во кризни ситуации во училиштето, обезбедување на психосоцијална и емоционална поддршка на сите што се вклучени во воспитно-образовниот процес.

Работни задачи по програмски подрачја РАБОТА СО УЧЕНИЦИ					
Содржина	Активности	Соработници	Очекувани ефекти	Ресурси	Време на реалзиација

Поддршка на учениците во учењето	1.Поттикнување на свесност за процесот на сопственото учење и развивање на вештини за самостојно учење	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници	Поттикнување на когнитивниот развој кај учениците преку примена на различни техники и стратегии за потикнување и развој на когнитивниот развој	Тест за процена на интринзична мотивација, Тест за процена на интелектуалните потенцијали и специфични вештини, Самопроценка на личните аспирации, Работилници за подобрување на учењето кај учениците, критичко и креативно мислење, решавање проблеми.	Октомври, Ноември Март, Април
Следење и поддршка на развојот на учениците	1.Идентификувањ е и помош на ученици во кризна состојба (разведени семејства, семејно насилство, болест, смрт...), 2.Идентификувањ е на несоодветно однесување, 3.Процена и поттикнување на личниот и социјалниот развој преку психолошки тестови и работилници	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници	1.Поддршка на учениците да се справат со кризни ситуации (развод, семејно насилство, болест, смрт.) 2.Корегирање на несоодветното однесување кај учениците. 3.Свесност за важноста на личниот раст и развој кај секој ученик, 4.Поддршка во растот и развојот на личноста (свест за себе, самодоверба, свест за правата и одговорностите, препознавање и справување со емоции). 5. Идентификување, советување и понатамошно проследување до соодветни институции за	Социометриска постапка, Прашалник за личниот и социјалниот развој на учениците, Работилници за физичкото и менталното здравје на учениците, Работилници за психосоцијаллни вештини, Превентивни работилници	Октомври Декември Февруари Април

	4. Превенирање од болести на зависност		поддршка на лица зависни од психотропни супстанци.		
Професионална и кариерна ориентација на учениците	1.Проверување на општите и специфичните интереси на учениците 2.Синтетизирање на добиените податоци	Одделнски раководители Стручни соработници Родители	Свесност за значењето на вистински избор на професија, Идентификување на интересите и специфичните способности и вештини кај учениците, Презентирање на специфични и интересни професии од страна на родителите	Презентации за важноста на вистински избор на образование и професија Тест за професионални интереси, Тест за општи и специфични способности, Проективни техники „Мојот професионален простор“ Работилница „Вистинскиот избор на професија и квалитетот на живеење“ Соработка со родители	Декември Април Мај
Работни задачи по програмски подрачја РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ					

Подршшка во реализација на ВОП и самоевалуа ција	1.Работилници и индивидуални консултации за активно учество на уечниците во наставата 2. Насоки за документирање на постигањата на учениците 3.Колаборативни средби за квалитетно и објективно оценување 4. Насоки за изработување на објективни тестови на	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници	Помош и поддршка во реалзиација на интерактивна настава, Помош во избор и изработување на инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците, Примена на психометриска анализа на тестовите на знаења	Инструменти за вреднување и самовреднување Психометриски постапки и методи Колаборативни –интерни средби	Октомври/но ември Март Мај/Јуни
	знаења преку примена на различни методи и психометриска анализа.				

Поддршка на наставницит е во работата со учениците	1.Примена на соодтветни методи и техники за идентификација на надарени ученици, 2. Насоки за работа со ученици со различни лични карактеристики	Оддленски раководители, Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници	Потикнување на посебните интереси кај надарените ученици, Мотивирање на учениците за учество на натпревари, конкурси итн, Поврзување на личните карактеристики и видовите начини на учење	Идентификациона листа за надарени ученици Тест за мерење на интринзична мотивација Инвентар на личност Индивидуални консултации Средби со соодветна таргет група на идентификувани надарени ученици	Ноември Февруари Април
Работни задачи по програмски подрачја РАБОТА СО РОДИТЕЛИ					
Индивидуал ни и групни советувања и консултации со родителите	1.Консултации за поддршка на родителите за децата со поттешкотии 2. Информирање и соработка за понатамошно проследување до соодветни институции (МКФ, ЗМЗ...) 3. Индивидуални и групни	Родители Одделенски раководители Одделенски наставници Стручни соработници	Поддршка на родителите да ја разберат состојбата на децата со поттешкотии, насоки за извесни корекции во навиките, одговорностите, родителските стилови итн... Поддршка во родителското влијание (родителски стилови) врз корегирање на успехот, нередовноста и антисоцијалното однесување кај учениците	Советодавно-консултативни средби Презентации Работилници	Прво полугодие Октомври Ноември Декември Второ полугодие Февруари Март Април Мај

	советувања на родители чии деца нередовно посетуваат настава, имаат намален успех , имаат несоодветно однесување				
Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето	Соработка со родителите за превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и надминување на изразени тешкотии.	Родители Одделенски раководители Одделенски наставници Стручни соработници	Рано идентификување и спречување на негативните влиајние од социјалното опкружување, Ефективна соработка за спречување на евентуални ризици кај младите	Презентации, Работилници, Техничка поддршка, Брошури,	Прво полугодие- Октомври, Ноември Второ Полугодие Јануари, Февруари,
Работни задачи по програмски подрачја СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА					
Информирање за соодветни фирми каде може да се изведе посета или евентуална практична настава	Оставрување на контакти со потенцијалните фирми во општината каде би можела да се изведе посета или евентуална прачтична настава	Родители, Одделенски раководители, Стручни соработници, Работодавачи , Директор	Ефективност во процесот на планирање, организирање и следење на соработката и реализирањето на евентуална практична настава	Техничка поддршка, Советодавно-консултативни средби,	Октомври, февруари, Март

Работни задачи по програмски подрачја ПРОФЕСИОАНЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОАНЛНА СОРАБОТКА					
Поддршка во реализирањ е и организира ње на професиона лниот развој и интерперсон алната соработката	1.Следње и изготвување на педагошката документација, 2.Организирање и реалзирање на интерни обуки	Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници Директор, Надворешни соработници,	Континуирано усовршување на професионалните компетенции, способности и вештини на наставниците и стручните соработници	Техничка поддршка,Microsoft-365, Teams, и различни други дигитални алатки, Презентации, Работилници, Колаборативни –интерни средби	Јануари, Јуни, Август
Работни задачи по програмски подрачја АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА					
Спроведува ње на аналитичкоистражувачк а работа меѓу учениицте, одделенскит е заедници, наставницит е	Примена на психолошки стандардизирани тестови за процена на актуелните потреби за спроведување на А-И-Р	Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници Директор,	Идентификување и интерпретирање на резулатите од спроведената А-И-Р	Стандардизирани психолошки тестови, Техничка поддршка	Декември, Април, Мај
Работни задачи по програмски подрачја УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА					

Креирање на превентивни програми за подобрувањ е на менталното и физичкото	Примена на Стандардизирани психолошки тестови, Презентации за здравјето во училишен контекст,	Одделенски наставници, Предметни наставници, Стручни соработници, Директор, Родители			
здравје на уечниците	Работилници за подобрување на интер и интраперсонални те капацитети и справување со кризни состојби				
Демократска партиципац ија во училиштето	Примена на психодијагностичк и средства и инструменти за подобрување на наставниот процес	Предметни наставници, Одделенски наставници Стручни соработници, Директор,	Анализа и интерпретација на сознанијата и предлага мерки релевантни за целото училиште	Инструменти, Стандардизирани тестови, Техничка поддршка, Дигитални алатки,	
Психосоција лна и емоционалн а поддршка на сите партиципиен ти во воспитно образовната работа	Реализирање на работилници и презентации во делот на социоемоционалната поддршка	редметни наставници, Одделенски наставници Стручни соработници, Директор, Ученици,	Ефективно и навремено интервенирање во подобрување на квалитетот на училишниот живот кај сите партиципиенти	Инструменти, Стандардизирани тестови, Техничка поддршка, Дигитални алатки	

Психолог, Валентина Јовановска

25. Годишен извештај за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2024/2025 година

Согласно Годишната програма за работата на училиштето и програмата за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор од предвидените активности во оваа учебна година реализирани се следните:

1.Работа со ученици

- Увид во бројот на ученици со ПОП во учебната 2024-2025 година, формирање на база на податоци за ученици со ПОП;
- Распределба на ученици со ПОП (првачиња) во паралелки согласно видот и степенот на попреченоста;
- Помош и поддршка на ученици со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава;
- Увид во потребната документација за секој ученик со ПОП (наод и мислење од стручно тело за функционална процена ЗМЗ и МКФ);
- Изготвување на ИОП/МНП согласно препораките од проценатa за попреченост;
- Увид во планирање, реализација и реевалуација на воспитно-образовните цели за учениците со ПОП предвидени во ИОП/МНП;
- Индивидуалани средби со ученици со ПОП како и директна помош и поддршка во тек на наставен час;
- Водење на досие за ученик со ПОП со опис на реализирани активности;
- Опсервација на ученици со едукативни потешкотии-план и програма за индивидуална поддршка;
- Помош и поддршка во идентификација и опсервација на талентирани и надарени ученици;
- Помош и поддршка во идентификација и опсервација на ученици кои доаѓаат од социјално загрозени семејства;
- Планирање и реализација на инклузивни работилници по повод одбележување на значајни датуми за лицата со ПОП; Поттикнување на врсничка помош и поддршка за учениците со ПОП;
- Следење на адаптацијата, социјализацијата и едукативен напредокот на учениците со ПОП;
- Помош и поддршка во професионална информација и ориентација на учениците со посебни образовни потреби; Помош и поддршка при запишување на ученици со ПОП во прво одделение за следната учебна година.

2.Работа со наставници

- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со одделенски наставници кои во своите одделенија имаат ученици со ПОП;

- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со класни раководители и предметни наставници на ученици со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава;
- Соработка со наставници во планирање, изработка и реевалуација на ИОП/МНП за ученик со ПОП;
- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со наставниците за ученици со едукативни потешкотии (индивидуализација и диференцијација во наставниот процес);
- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со наставниците со цел обезбедување врсничка помош и поддршка за учениците со ПОП;
- Соработка со наставниците при реализирање на интерни обуки/дисеминации;
- Соработка со наставниците во планирање и организирање на инклузивни работилници по повод одбележување на значајни дадтуми за лицата со ПОП.

3.Работа со родители

- Индивидуални средби со родители на учениците со ПОП;
- Информирање на родителите за видот на едукативната поддршка на учениците со ПОП согласно препораките од проценката за попреченост;
- Советодавни средби со родители на ученици со едукативни потешкотии;
- Советодавни и инструктивни средби со родителите за работа со ученици со ПОП во домашни услови;
- Соработка со родителите во планирање и организирање на инклузивни работилници по повод одбележување на значајни дадтуми за лицата со ПОП.

4.Соработка со заедницата

- Стручни советодавни средби со стручен соработник-ментор;
- Советодавни средби/размена на информации со стручни соработници во училиштето;
- Советодавни средби и активности со стручни соработници специјални едукатори и рехабилитатори на локално и на градско ниво;
- Стручни советодавни средби и активности со координатор на ОУРЦ „Иднина“;
- Советодавни средби и активности со образовни асистенти распределени во училиштето;
- Континуирана соработка, средби и активности со локална заедница;
- Соработка со стручни органи (БРО,МОН) советодавни разговори и консултации за разни прашања во делот на инклузија;
- Соработка со стручни тела за функционална процена ЗМЗ/МКФ.

5.Професионален развој и професионална соработка

- Изготвување личен план за професионален развој;
- Континуирано следење на стручна литература;
- Размена на теоретски и практични искустава со стручни соработници и наставниот кадар во училиштето;
- Размена на теоретски и практични искустава со колегиум на специјални едукатори и рехабилитатори; Посета на стручни средби, обуки, предавања, и вебинари;

6.Аналитичко-истражувачка работа

- Реализација на аналитичко-истражувачка работа (студија на случај)

7.Училишна структура и организација

- Советодавни средби и разговори за начинот на спроведување на инклузивната теорија и практика во училиштето;
- Формирани УИТ како и ИТУ за ученик со ПОП кој работи по ИОП/МНП;
- Формиран тим за индивидуална поддршка за учениците со едукативни потешкотии;
- Планирање и реализација на инклузивни активности/работилници во училиштето по повод одбележување на значајни денови за лицата со ПОП со цел подобрување на инклузивната клима;
- Реализирани интерни обуки/дисеминации;
- Тековни наставни и воннаставни активности поврзани со воспитно-образовниот процес во училиштето. **8.Педагошка евиденција и документација**

- Годишна програма за сопствената работа;
- Хронолошки дневник за работа;
- Оперативна програма за работа;
- Досие за ученик со ПОП со опис на реализирани активности;
- Евиденција за реализирани средби со родители;
- Извештај од реализирани обуки;
- Полугодишен и годишен извештај за сопствената работа.

Специјален едукатор и рехабилитатор:Слаѓана Јовановска

Извештај за реализирани инклузивни работилници во учебната 2024-2025 година

Голем придонес и позитивно влијание во промоција на инклузијата даваат инклузивните работилници. Исполнети со заеднички активности и меѓусебно дружења на учениците истите имаат голема и непроценлива вредност и придонесуваат во развојот на

младите генерации. На овој начин преку заеднички средби и активности кај учениците се развива емпатија, разбирање,толеранција, се препознаваат и прифаќаат различитости, се надминуваат предрасуди. Чекор по чекор со вземно учество и поддршка на сите чинители во воспитно-образовниот процес - ученици, наставници, родители, стручни соработници, се гради општество на еднакви можности, општество во кое сите се чувствуваат прифатено и почитувано. Полека но сигурно сите заедно учиме како да бидеме дел од една инклузивна заедница, учиме да одиме напред кон општествена еднаквост и прифаќање.

- Под мотото **„Ајде да се дружиме љубов и поддршка да си пружиме - од другарчињата за другарчињата“** во нашето училиште организиравме инклузивна работилница во пресрет на 3-ти декември-Меѓународниот ден на лицатата со попреченост. Преку повеќе активности во работилницата беа вклучени учениците од одделенска настава. Со помош на специјалниот едукатор и рехабилитатор, одделенските наставници и образовни асистенти беа осмислени повеќе забавни, интересни, креативни и едукативни активности. Сите изработки беа изложени во училишниот хол како најдобрар пример за навидум мали но значајни чекори кон меѓусебна еднаквост и прифаќање. На интересен и сликовит начин преку различни фотографии специјалниот едукатор и рехабилитатор претстави дел од својата индивидуална работа со учениците со ПОП. Учениците од предметна настава преку свои претставници го одбележија овој ден со читање на една прекрасна поема на училишно радио, една убава порака која на овој начин беше слушната од сите чинители во училиштето. Убавината на оваа работилница беше надополнета со споделување на впечатоци од посетата на инклузивна танцова претстава „Пат околу светот за 80 минути“ во реализација на танцово студио Еурека која на најдобар начин ја отсликува вистинската инклузија, прифаќањето различитости и отворање на многу патишта за нови можности.

Разбери;Прифати;Поддржи

- Под мотото **„Нека расте нашата свесност“** во нашето училиште го одбележавме 2-ри Април Светскиот ден на аутизмот. Дел од учениците од одделенска настава реализираа едукативна посета на сензорната соба во нашето училиште. Преку разговор и практични примери училишниот специјален едукатор и рехабилитатор ги запозна учениците со карактеристиките, намената и значењето на сензорната соба. Учениците со особена радост и задоволство ја следеа оваа едукативна активност која беше надополнета со изработка на постер испишан со мотото посветено на одблежување на овој ден.

Специјален едукатор и рехабилитатор **:**Слаѓана Јовановска

26.Годишен извештај од работата на библиотекарот во учебната 2024/25 година

Училишната библиотека во состав на училиштето во оваа учебна година во континуитет ја реализира својата програма согласно Годишната програма за работа на Библиотекарот за оваа учебна година.

Училишниот библиотекар-медијатор извршуваше карактеристични задачи кои беа групирани во пет програмски подрачја:

1.Воспитно-образовната работа со учениците;
2.Соработка со наставниците, стручните работници и родителите;
3.Културна и јавна дејност;
4.Библиотечно-информативна и стручна работа;
5.Работа во медијатека. Програмата се реализираше на следниов начин:

1.Воспитно-образовната работа со учениците

- Зачленивање ученици од прво одделение
- Разговори за развивање на читателските способности кај учениците
- Оспособување на учениците за правилен избор на литературата што се користи во наставата и воннаставното читање
- насочување на интересот за книгата во склад со нивните желби и афинитети

-Формирање навики за внимателно читање и заштита на библиотекарскиот материјал кој што се чита - Чување и навремено враќање на прочитаните книги и друга литература -Соработка со авторите на книгите.

2.Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите

- Соработка со наставниците за изведување на разновидни форми на современа настава - Користење на стручна литература

-Весниците и списанијата наменети за учениците

-Соработка со наставницте и стр. соработници во планирањето за набавка и обнова на книжниот фонд - Доброволна акција - „Дарување книга повеќе за училишната библиотека“

-Набавка на нови лектири

3.Јавна и културна дејност

- Реализација на културно просветните манифестации
- Посета на саемот на книга
- Изложба по повод Новогодишните празници

- Одебележување на месецот на книгата
- Најдобри читатели
- Соработка со новинарско-издавачките куќи
- Соработка со локалната библиотека

4.Библиотечно-информативна и стручна работа

- Организација и спроведување на проектот „Бесплатни учебници“
- Планирана обнова на книжниот фонд
- Посебна книжна стручна литература за наставата
- Информација за новоиздадени книги, весници и списанија
- Известување за набавка на стручна и друга литература
- Административно водење на книжниот фонд
- Заштита и ревизија на книжниот фонд

5. Работа во медијатека

- Обезбедување на училишни аудио-визулени материјали
- Поделба на бесплатни учебници на учениците.

Во текот на учебната 2024/2025 год. беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за оваа учебна год.

Беа остварени поставените цели:

- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;

-Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења,да консултираат речници,енциклопедии, лексиконии и друг информативен материјал;

-Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;

- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд(нови лектирни изданија од II-IX одд);

- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација и заштита на библиотечниот материјал; - Редовно беше остварувана соработка со наставниците,стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

Август-Септември

-Уредување на библиотеката

-Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година
-Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН

02.09.2024-Одбележување на **,,Свеченият прием на првачиња“** со учество на библиотекарската секција со цел да се запознаат првачињата со среќни,успешни и радосни мигови во училиштето што го зачекориле и натамошно градење на вистинските вредности во него.
Октомври 1**0.10.2024-** Одбележувањена **,,Свеченият прием на првачињата во Детската организација“** со учество на библиотекарската секција со едукативни драмски скечеви со цел да се почитува личноста на детето и важноста на неговото образование.

15.10.2024-Одбележување на Фандрејзинг настан**,,Играј со мене“**со хуманитарен карактер,особено за оние со попречен развој или различни сензорни потешкотии и премиера на училишна претстава**,,Волшебната прегратка“** со учество на библиотекарската секција.
Ноември - Посета на библиотеката од првачињата и нивно зачленување во училишната библиотека(правила.и насоки за користење на литературата)
13.11.2024-Организирана едуккативна претстава на библиотекарската секција наменета за сите ученици по повод ,,Месецот на книгата“ на тема,,Вистинска приказна за училиштата“ со цел учениците да ја согледаат пораката дека вистинската книга има вредности која ќе ги научи на ред и дисциплина,да стекнуваат знаења,да ги научи да ги почитуваат другарчињата, родителите, да
ги препознаваат емоциите,да ја градат емпатичноста и пред се да ја засакаат книгата
–
Одбележување на Свеченият настан по повод ,,Месецот на книгата“на тема,,Волшебната моќ на книгата“ со цел да се негува писменоста,со читање на литературата да се придонесува да се научат вистинските вредности кај учениците.На настанот се промовираа и наградуваа ликовните и литературните творби како и изработка на најкреативна книга или сликовница на

конкурсот што го објави училилшната библиотека.Се драматизираа текстови за вредноста на книгите,учениците имаа можност да имаат разговор со авторката и колешката Ана Петровска и промовирање на нејзината стихозбирка,,Jansa“која со своите вредносни стихови испрати порака до сите љубители на книгата дека треба да мислиме за другите и за самите себеси...

Декември -Изготвување на полугодишен извештај

30.12.2024 -Најдобри читатели(за поттикнување на читачката култура ка учениците,на училишното радио беа промовирани истакнати читатели за првото полугодие) -Изготвување на полугодишен извештај

Јануари- Февруари -Посета на учениците на училишната библиотека, разговор за задачите на библиотеката и библиотекарската секција

-Активности со учениците од библиотекарската секција(заштита на оштетените книги).

21.02.2025-Одбележување на денот на **,,Меѓународниот мајчин јазик“** за почитување на мајчиниот јазик,промовирање на лингвистичката разновидност и повеќејазичност низ светот.За таа цел учениците од библиотекарската секција промовираа литературно читање со свои лични творби и цитати од познати автори со цел да се согледа значењето за правилна употреба на литературниот јазик..

Март -Литературно творење по повод празникот на мајките **,,8 Март“**

Април 23.04.2025-Одбележување на **,,Патрониот празник на училиштето“**со учество на библиотекарската секција со творење на литературна творба наменета за патронот**,,Наум Наумовски Борче“** и едукативна претстава за булинг во училиштата наречена**,,Не викај ме бубалица“**

25.04.2025-Учество на учениците од библиотекарската секција на **XXIV Општински натпревар** во градската ЈУ,,Браќа Миладиновци“-Скопје

Мај 09.05.2025-Учество на учениците од библиотекарската секција на XXIV Државен натпревар во библиотеката,,Кочо Рацин“-Кичево

12.05.2025- Пополнување на формуларот за порачка на учебници 2025/26 год

30.05.2025-Најдобри читатели(за поттикнување на читачката култура кај учениците) за крајот на учебната година.

Јуни -Реализирана работилница на тема,,На крајот на учебната година“(промовирање и наградување на активностите на членовите на библиотекарската секција)

-Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање со комисија за учебници -

Пополнување на формуларот(Образец бр.5) за враќање на учебници 2024/25 год. Библиотеката работеше според дадена годишна програма.

Библиотекар: Ленче Славковска

27. Извештај за работата во продолжен престој во учебната 2024/2025 година

Во учебната 2024/2025 година материјалот предвиден со програмата за продолжен престој во целост е реализиран. Постигнати се сите предвидени цели и содржини. Учениците со задоволство учествуваа во сите активности со задоволство и преголем интерес.

Учениците од продолжен престој во текот на учебната година изработуваа честитки по повод разни празници (нова година, 8ми март...), во склоп на предвидената програма исто така изработија и креативни мартинки по повод 1март. Беа реализирани многу работилници за развој и унапредување на учениците: ✞ Ден на планетата земја

На 22 Април се одбележува Денот на планетата Земја ширум светот со најразлични манифестации и настани. Во нашето училиште учениците го одбележаа овој меѓународен ден и порачаа,, Спасете ја нашата планета, грижете се за неа, таа е една и единствена!"

- ✞ Изработка на "Честитка за мама" по повод празникот "8ми Март"

Со креативни изработки од нашите ученици во нашето училиште беше одбележан меѓународниот ден на жената 8-ми Март.

- ✞ Новогодишна работилница “Новогодишни честитки. Во работилницата учествуваа ученици од прво до трето одделение во продолжен престој кои заеднички и сложно изработија честитките.
- ✞ Ден на јаболкото

Ден на јаболкото- „Едно јаболко на ден го држи лекарот подалеку“. Во чест на јаболкото кое се грижи за нашето здравје, свечено беше одбележан со разновидни активности до слатка закуска.

- ✞ 23 Април се одбележува Светскиот ден на книгата.
- ✞ Тековно навремено низ целата учебна година учениците се вклучуваа во уредување на училишните паноа и своите училници со нивни креативни изработки и ги постигнаа следниве резултати:

-Самостојно изработуваат домашни задачи;

-Самостојно вршиат проверка на домашните задачи;

-Индивидуално се вршеше насочување, мотивирање и помагање на пооделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини;

-Се изработуваа пообемни и посложени задачи за учениците кои без потешкотии ги совладуваат наставните содржини; -Самостојно врши дополнување на наставните содржини;

-Самостојно врши проверка на знаења;

- Учениците беа мотивирани за меѓусебна помош во учењето ;

- Изнаоѓаа нови и посовремени начини за реализација на домашните задачи и активностите кои се поврзани со наставните содржини како ИКТ и методи од активната настава.
- Се стекнаа со правилен физички развој и оформување на телото, на извесни знаења и вештини од спортот;
-Изградија навики за културно однесување во слободно време;
-Изградија навики за одржување на здравјето и хигиената;
-Изградија правилен однос кон другарчињата;
-Развивија натпреварувачки дух;
-Ги прошируја знаењата дадени во содржините на наставата;
-Развивија способност за самостојно истражување, учење и самооценување;
-Се разви креативноста кај учениците;
-Се оформи чувство за разликување на убавото и неубавото; - Социјализација;
-Изградија навики за културно однесување во разни средини;
-Почитување на други религии;
-Перманентно грижење за добиените задачи и задолженија и нивно одговорно решавање.
-Го запознаваа светот на литературната и народната книжевност;
-Ја развивија фантазијата во говорното творештво;
-Поставуваат прашања и даваат соодветни одговори на поставените прашања;
-Се стекнаа со разбирање и доживување на содржината и пораката на литературните творби.
-Го развија читањето и самостојно вршат анализа на сликовници, книги, лектири и енциклопедии.
-Го прошируја знаењето со употреба на детски списанија (детски печат).
- Знае правилно да го постави прашањето и да дава соодветни одговори на поставените прашања.
-Соработката со библиотеката во училиштето, зачленување на учениците во неа и користење на книги. - Научија да играат во улоги (драматизација на текст).
-Стекнаа позитивен став кон училиштето;
-Ги идентификуваат и разбираат своите чувства.
-Точно ги препознаваат и разбираат чувствата на другите.
- Го контролираат начинот на кој се чувствуваат.
- Го обликуваат начинот на кој се однесуваат.
-Градат и одржуваат добри односи со пријателите, семејството и другите.

Одд. наставници во продолжен престој

28.Самоевалуација на училиштето

Според законската обврска ООУ„Наум наумовски Борче“ реализира самоевалуација секоја втора година. Последната самоевалуација на работата на училиштето е завршена во јули 2024 година и се однесува на учебната 2022/23 и 2023/24 година. Приоритетни подрачја кои произлегуваат од самоевалуацијата по подрачја се следните:

Подрачје 1: Планирање, учење и настава Приоритетни подрачја (идни активности)

- Изнаоѓање мноштво начини за информирање на учениците и родителите за материјали и извори на учење од страна на училиштето;
- Организирање на работилници и нагледни часови на ниво на стручни активи за подобро кооперативно учење и размена на искустава, како и за користење на различни методи и техники на оценување;
- Подобрување на условите и ресурсите за наставата и воннаставни активности (капацитети, нагледни средства и материјали); ✞ Воведување на целодневна настава за учениците од 1-3 одд.

Подрачје 2: Постигнувања на учениците Приоритетни подрачја (идни активности)

- Поголема мотивација на учениците за постигнување подобри резултати во текот на наставната година, поголемо учество во воннаставни активности и натпревари.
  Училиштето по одлука донесена на Наставничкиот совет да ги истакнува овие ученици во сите четири квалификациони квартали (од прво до деветто одделение),а на крајот од наставната година да бидат наградени.
- Поттикнување на интризичната мотивираност на учениците за постигнување подобри резултати;

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето Приоритетни подрачја (идни активности)

- Подобрување на нивото на хигиената и ангажирање на дополнителен технички персонал согласно потребите и површината за чистење (нови финансирања).
- Обезбедување на термоефикасни услови во училишната зграда и воспоставување на систем за ладење во топлите денови.

✞ Креирање на пишани процедури за постапување и регистрирање на појави на консумирање на алкохол, пушење и наркотици. ✞ Подобрување на начините за информирање на родителите за превентивните програми и активности на училиштето. **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

Приоритетни подрачја (идни активности)

✞ Зголемување на транспарентноста и информираноста за буџетското работење на училиштето
✞ Подобрување на инфраструктурата на училиштето и училишниот двор и продолжување со набавка на современи наставни средства за зголемување на квалитетот на условите за учење и престој
✞ Зголемување на бројот на демонстративни часови за подобрување на размената на искуства и добри практики меѓу наставниците

Тим кој учествувал во изработката на Годишниот извештај

- В.Д. Директор Елизабета Темелковска
- Стручни соработници
- Одделенски и предметни наставници

Јуни, 2025 г.

В.д.Директор,

Општина Гази Баба, Скопје --

Елизабета Темелковска

С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

Предлагач: Градоначалник на Општина Гази Баба

Изготвувач: ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје

Претставник: директор, м-р Елизабета Андова

ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

СКОПЈЕ, АВГУСТ 2025 ГОДИНА

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за работата на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ "НАУМ ОХРИДСКИ" - БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за работата на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2024/2025 година, предложен од училишниот одбор со одлука бр.02-06/62 од 30.06.2025 година.

2. Заклучокот да се достави до училишниот одбор.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број _____
од __.__.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
м-р Сашо Кукески

Врз основа на член 108 став 2 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Училишниот одбор при Општинското основно училиште ,,Наум Охридски,, с. Булачани – Скопје на состанокот одржан на ден 30.06.2025 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 02-06/62
30.06. 2025 год.

О Д Л У К А

За усвојување на Предлог Годишнен извештај за работа на училиштето во учебната 2024 / 2025 година

Член 1

Училишниот одбор при Општинското основно училиште ,,Наум Охридски,, с. Булачани – Скопје на одржаната седница го усвои Предлог годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2024 / 2025 година.

Член 2

Предлог годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2024 / 2025 година ја содржи вкупната бројна состојба на учениците во училиштето, вкупниот број на паралелки, текстуален и групен извештај за целокупната работа на училиштето во учебната 2024 / 2025 година.

Член 3

Училишниот одбор треба да го достави Предлог годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2024 / 2025 година до Советот на општина Гази Баба.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседател на Училишниот одбор,

Сања Петрушевска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
,,НАУМ ОХРИДСКИ,,
С. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ

И З В Е Ш Т А Ј
ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА
2024 / 2025 ГОДИНА

ООУ,,НАУМ ОХРИДСКИ,, с. БУЛАЧАНИ - СКОПЈЕ
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

С.Булачани,Скопје 1000МК
Тел: 02 2575 946

e-mail: nohridski@yahoo.com
web: naumohridski.edu.mk

Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА
2024 / 2025 ГОДИНА

Јуни, 2025 ГОДИНА
СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д Е Н Д Е Л ……..…...4
Н А С Т А В А …….....8
Годишен извештај за реализација на програмата
„Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија“ за учебната 2024/2025 година …….....….....12
Извештај од реализација на активнисти од проектот за ……..14
Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2024/2025
Годишен извештај - Антикорупциска едукација на учениците основните училишта 2024/2025 година ….....…….....16
„Училишни градини“ за крај од учебната 2024/2025.....17
Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,…….....18
Заедничка грижа за правилно насочување на учениците …….....19
Проект Унапредување на менталното здравје на учениците.....20
Извештај за спроведени работилници и активности со психолог за Денот на менталното здравје.....27
Проект „ Безбедна сајбер зона“ 28
Извештај за спроведен проект “Негативни последици од Тик Ток предизвици”.....30
Извештај за Дирекција за заштита и спасување.....…….....32
Годишен извештај од советување на ученици.....36
ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ …… ..37
ИЗВЕШТАЈ за спроведени активности од Детска организација…….....66
ИЗВЕШТАЈ од ПЦК…….……67
Годишен извештај за работа на ученичкиот парламент…….....68
Активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците……..……70
Професионален развој на образовниот кадар……. …….73
Работа на стручните органи и тела…….... ……75
С Т Р У Ч Н И А К Т И В И…….. 76
Извештај за работата на психологот……...82
Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор…….....89
Извештај за работа на училишен инклузивен тим…….....91
Извештај за работата на педагогот ……..… 95
Годишен извештај за работа на Училишна библиотека медијатека.....98
Преглед на работата на директорот 102
Активности на Училишниот одбор 106
Активности на Советот на родители 112
Активности на наставнички совет.....116
Заклучоци и согледувања на состојбите и унапредување на дејноста.....122
Комисија за изработка на Годишниот извештај 123

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Извештајот за работа на училиштето на крајот од учебната 2024/2025 година е изработен врз основа на реализираните активности планирани со Годишната програма за работа на училиштето, усвоена на седницата на Училишниот одбор на ден 22.07.2024 година.

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на училиштето што ќе се користи во понатамошната работа. Извештајот претставува документ што ги содржи сите важни информации за оценка на работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа во учебната 2024/25 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно - образовниот процес, се потрудивме овој извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации. За голем дел од информациите на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, фотокопии од дипломи, видео записи, линкови за публикувани прилози, извештаи и сл.). Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа на училиштето и главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови на работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родителите и локалната средина, соработка со други институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, Невладини организации, реализација на интерни и екстерни проекти и др. Се надеваме дека овој извештај ќе даде одговор на следното прашање:

Во која мера се реализирани целите од Годишната програма за работа на училиштето и какви ефекти се постигнати?

Во извештајот квантитативно и квалитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40 - часовна работна седмица и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата. Реализација на воннаставни активности, натпревари, слободни ученички активности, екскурзии, излети, посети и друго.
- Реализацијата на други посебни програми од воспитно – образовниот процес: Грижа за здравјето на учениците, Заштита на животната средина, Општествено - корисна и хуманитарна работа.
- Ангажирање на наставниот кадар при реализација на програмите на ученичките организации: Одделенска заедница, Детска организација, Училишна заедница, Училишен парламент, Училишен клуб на Црвен Крст, ученички клубови, спортски клуб и друго.
- Ангажирање на наставниците и стручните соработници во работата на училишни тимови и стручните органи: одделенско раководство, Одделенски совети, Стручни активи, Наставнички совет.
- Реализација на програмите на Совет на родители и Училишен одбор.
- Стручно усовршување и професионален развој на наставниот кадар.
- Реализација на програмата за соработка со родителите.
- Соработка на училиштето со локалната средина, односно соработка со: локалната самоуправа, Министерство за образование и наука, БРО, ДПИ и ДИЦ, невладини организации, бизнис заедница, соработка со други училишта, здравствени институции, Меѓуопштински центар за социјална работа, Полициска станица Гази Баба, МВР и други институции и организации.
- Реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето.
- Реализација на програмите на стручните соработници .

- Ангажирање на наставниците и стручните соработници во афирмација на училиштето и градење на неговиот имиџ.

Имајќи предвид дека секој наставник и стручните соработници се вклучени во определени тимови за реализација на програмските активности во соодветно подрачје на Годишната програма за работа на училиштето, логички следува дека и секој наставник / стручен соработник непосредно учествува со свои пишани прилози на овој извештај. Целта на овој извештај е да обезбедат јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работа во текот следната учебна година.

Услови за остварување на воспитно – образовната дејност во училиштето.

Опис, локација и опременост на објектот

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани се наоѓа на падините на Скопска Црна Гора, Скопје. Во својот состав има две подрачни училишта во с. Црешево каде наставата е организирана за учениците од прво до деветто одделение, и с. Раштак каде има две комбинирани паралелки и тоа прво и второ одделение и трето и четврто одделение.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на наставата Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во училиштето во с. Булачани пуштена е во употреба училишната спортска сала и набавени се плакари, шкафчиња и биро за наставниците за во соблекувалните и наставничката канцеларија во училишната спортска сала, набавена е професионална машина за чистење на подови, клима уред за во канцеларијата на стручната служба. Набавени се 15 персонални компјутери, 5 проектори за во училиштата во с. Булачани и с. Црешево и 2 мултифунлционални принтери за потребите на наставата. Заменети се светлосни арматури со лед светла во училиштето во с. Булачани заради заштеда на електрична енергија и зголемување на светлината во училиштето. Поплочен е влезот на училишната спортска сала со павер елементи.

Обезбедена е донација на новогодишни пакетчиња за учениците од прво до шесто одделение. Поставен е камен темелник на училишна спортска сала во подрачното училиште во с. Црешево. Целосно молерисани се сите три училишни згради. Поставена е хидрантска мрежа во училиштето во с. Црешево. Набавени се ПП Апарати за сите три училишни згради. Извршени се обуки кај дел од вработените за ракување со ППР апарати и кај учениците од 9то одделение и обуки за Безбедност и заштита при работа. Направени се ППЗ елаборати за сите три училишни згради и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, Проценка на загрозеност од природни несреќи и Правилник за заштита од пожари и експлозии за објектот на Училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани и за истите е побарано Мислење од ПЗС Гази Баба. Проширено и поставено со вештачка трева игралиштето во училишниот двор во с. Црешево. Набавени се лектирни изданија, киниги и стручна литература за потребите на наставата.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес

Кадровски услови

Кадарот во училиштето - заедно со подрачните училишта го сочинуваат:

- Директор - 1,
- Стручен соработник – психолог - 1,
- Стручен соработник – педагог – 1,
- Стручен соработник – специјален едукатор и рехабилитатор – 1
- Наставници во одделенска настава - 13
- Наставници во предметна настава - 21
- Административен персонал
  Секретар – 1
- Технички персонал
- Хаусмајстор – 1
- Градинар-1
- Хигиеничари - 5
  Вкупно вработени лица – 46

Организација на воспитно – образовната дејност

Оваа учебна година наставата започна на 02.09.2024 година по програма која е планирана за реализирање на настава со физичко присуство. Наставата со физичко присуство ја следат сите ученици од прво до деветто одделение. Согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 година наставниот час во нашето училиште трае 40 минути во наставата со физичко присуство.

Училиштето работи во две смени од кои првата почнува во 8,00 часот. Учениците од прво и второ одделение работат само прва смена согласно барањата по новата програма, додека учениците од трето до петто оделение се менуваат со учениците од шесто до деветто одделение на две смени на секои две недели. Втората смена започнува од 13,00 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Црешево работи во две смени од кои првата почнува во 07,45 часот за учениците. Учениците од прво до петто одделение се менуваат со учениците од шесто до деветто одделение на две смени секои две недели. Втората смена започнува од 13,00 часот и завршува до завршување на часовите. Подрачното училиште во с. Раштак работи во една смена со почеток од 8,00 часот до завршување на наставата.

Н А С Т А В А

Задолжителна настава

По сите наставни предмети од I – IX одделение се реализирани сите планирани содржини по предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците од VII – IX одделение. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларните прегледи што се составен дел на овој извештај.

Изборна настава

Изборната настава е застапена по предметите:

Проекти од музичка уметност за учениците од **VIII-а** одделение,

Проекти од ликовна уметност за учениците од **VIII-б** одделение,

Изборен спорт за учениците од **IX-а** одделение.

Вештини на живеење за учениците од **IX-б** одделение.

Планираните содржини по изборните предмети се реализирани согласно наставниот план и програма, а знаењата на учениците се вреднувани.

Согласно наставниот план и програма за оваа учебна година, сите наставници се изјасниј дека предвидениот материјал за првото полугодие од учебната оваа година е реализиран.

Слободни изборни предмети

Согласно новата концепција за основно образование во учебната 2024/2025 година се изучуваа следните изборни предмети:

ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани

Прво полугодие

Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) - 4 одд. - Б
Образование за животни вештини - 5 одд. - Б
Етика во религиите - 6 одд.- Б
Танци и народни ора - 7 одд Б

Второ полугодие

Образование за животни вештини – 4 одд. -Б
Ликовно образование -Цртање, сликање и вајарство - 5 одд. -Б
Образование за животни вештини – 6 одд. –Б
Медиумска писменост – 7 одд Б

ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево

Прво полугодие

Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) - 4 одд. - Ц
Образование за животни вештини - 5 одд. - Ц
Образование за животни вештини -6 одд. – Ц
Танци и народни ора - 7 одд -Ц

Второ полугодие

Образование за животни вештини – 4 одд. -Ц

Ликовно образование -Цртање, сликање и вајарство - 5 одд. - Ц
Етика во религии – 6 одд. – Ц
Танци и народни ора - 7 одд – Ц

ПООУ,, Наум Охридски,, Раштак

Прво полугодие
Фигури од хартија (оригами, хартиени украси и др.) – 4 одд. - Р
Второ полугодие
Образование за животни вештини – 4 одд. – Р

Дополнителна настава

Дополнителната настава има задолжителен карактер и се организира за учениците кои имаат повремени потешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надградуваат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни и особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечна, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 година.

Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализираат. Дополнителната настава се реализира согласно Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2024/2025 година.

Оваа учебна година **продолжениот** престој во подрачното училиште во с. Црешево се реализира со вкупно 20 ученици.

Бројна состојба на учениците

Оваа учебна година во училиштето се опфатени вкупно 353 ученика распределени во 20 паралелки. Во училиштето во с. Булачани има 160 ученици, во ПООУ с. Црешево има 179 ученици и во ПООУ с. Раштак 14 ученици.

Редовност на учениците

На крајот на учебната година од вкупно 353 ученици со примерно поведение се сите ученици, со добро и со незадоволително поведение нема ниту еден ученик. Во овој период евидентирани се 3511 изостаноци, од кои 3453 се оправдани изостаноци и 58 неоправдани изостаноци.. Оправданото отсуство се однесува на учениците кои беа болни од вирози, настинки и сл

Успех на учениците

Од вкупно **253** ученика од IV – IX одделение

успех	**број на ученици**
одличен	**157**
многу добар	**68**
добар	**27**
доволен	**1**
вкупно	**253**
Среден успех од IV – IX одделение е 4,43	

Во табелите се прикажани статистичките податоци за успехот на учениците.

Проекти на кои се работи во училиштето

- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината“
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.
-Унапредување на ментално здравје

Годишен извештај за реализација на програмата „ Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македониа“ за учебната 2024/2025 година

Во училиштето редовно се реализираат седумте чекори од програмата „Интеграција на еколошката едукација во училишниот систем во Р. Македонија“

- Има формирано ЕКО- одбор
- Има направено анализа на животната средина
- Изработен е План на активности
- Во редовната настава се вметнати содржини од Поврзување со наставната програма

ЕКО- одборот има членови од наставниците, технички персонал, ученици, локалната самоуправа и представници од Совет на родители. Одборот одржува редовни состаноци еднаш месечно, на кои се дискутира за реализацијата на програмата, се даваат предлози и и се одредуваат селдните активности.

Планот на активности опфаќа активности кои произлегуваат од Анализа на животната средина, за секоја активност има назначено одговорно лице за следење на реализација и има формирано еко- патроли од редовите на учениците.

Завршени активности од Планот на активности во учебната 2024/25 година:

Еко-стандард	Точки на акција	Начин на реализација	Време на реализација
Вода	**Поставување на хидрантска мрежа во подрачното училиште**	Фирма-изведувач	Мај/јуни

	во с.Црешево		
Уреден и еколошки двор	Поставување на заштитна ограда и обезбедување на безбеден простор за престој и учењена учениците од ПОУ с. Раштак	Општина Гази Баба - финансиер на активноста	октомври
Енергија	**Поставување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија**	Одредување на местата на кои треба да се постават упатствата Изработка на упатства од страна на учениците Истакнување на упатствата Изработка на флаери за енергетска ефикасност	ноември
Уреден и еколошки двор	**Засадување на цвеќиња и хортикултурно уредување на дворот**	Засадување на дрвца во соработка со проектот Училишни градини и цвеќиња во жардињерите.	Ноември, март и мај
Отпад	**Поставување на упатства за селекција на отпад на видно место**	Изработка на упатства за селкција на електронски отпад; Одредување на местата за поставување; Поставување на упатства за селекција електронски отпад во близина на корпите за селекција.	октомври
Енергија	**Промена на FSN арматура со лед арматура**	Фирма -изведувач	октомври

Активностите кои беа планирани во годишната програма, а не беа завршени во текот на оваа учебна година се префрлуваат во Планот на активности за 2025-2026 година.

Во училиштето се организираат и изведува и уште еден проект чии активности се вклучени во оваа програма, тоа е Училишни градини, а во текот на првото полугодие се одржаа и Еколошки кампањи и акции:

- 22 септември - "МЕЃУНАРОДЕН ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ" како дел од Европска недела на мобилност 16 – 22 септември

- 26 септември - Ден на чистите планини! Ден за едукација за заштита на животната средина- планини, реки, потоци, вода и жив свет на нашите планини.
- 4 Октомври - Светски ден на животните
- 14 Октомври ден на собирање електронски отпад - да го намалиме, преработиме и повторно да го употребиме отпадот.
- 15 Март – Работилница “Фрли цветна бомба” да се намали употребата на пестициди и да се помогне во проширувањето на полињата со монокултури

Наставниците редовно ги одржуваат часовите кои се имплементирани сите девет еколошки теми во редовната настава.

Координатор на проектот,
Билјана Антанасова

Извештај од реализација на активности од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2024/2025 година

Вовед

Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) има за цел да ги зближи учениците од различни етнички заедници преку непосредна комуникација, заеднички активности и зајакнување на меѓусебната доверба и разбирање. Во текот на учебната 2024/2025 година, во нашето училиште беа спроведени низа активности кои имаа за цел да ја поттикнат соработката, толеранцијата и почитувањето на различностите.

I. Реализирани проекти

1. Часови и работилници за МИО

Во текот на првото и второто полугодие, реализирани беа часови по МИО од I до IX одделение. Работилниците се одржуваа во рамки на одделенските часови и часовите на Животни вештини, каде учениците преку интерактивни методи учеа за различните култури, вредности и традиции. Активностите беа водени од класните и предметните наставници.

2. Интеграција на МИО теми во наставата

Во редовната настава по Историја и Граѓанско образование беа вклучени теми за културна разноликост, човекови права и заедничко живеење. Учениците имаа можност да изразат лични ставови и да дискутираат за значењето на толеранцијата и меѓусебното почитување.

3. Соработка со партнерско училиште

Соработката со ООУ „Његош“ од с. Јурумлери беше одлична и вклучи заедничко планирање и изведување активности. Во првото полугодие беа воспоставени почетни контакти и комуникација. Во второто полугодие беше реализирана краткотрајна заедничка активност – посета на објекти од културен и општествен карактер на 30.05.2025 год.

4. Краткотрајна заедничка активност – едукативна екскурзија

Во едукативната екскурзија учествуваа ученици од ООУ „Наум Охридски“ (с. Булачани и с. Црешево) и ООУ „Његош“ (с. Јурумлери). Посетени беа: ХЕЦ Тиквеш, винаријата „Тиквеш“, Спомен куќата на Страшо Пинџур во с. Ваташа, градот Кавадарци и меморијалот на дванаесетте младинци. Учениците стекнаа знаења за културното и историското наследство и развија чувство за заедништво преку заеднички активности.

II. Резултати

- Се постигна повисоко ниво на почитување и разбирање помеѓу учениците од различни етнички заедници.
- Се зголеми мотивацијата кај учениците за учество во активности поврзани со мултикултурализмот.
- Преку заедничките активности се поттикна соработка, отвореност и емпатија.
- Наставниците ја препознаа важноста на ваквиот тип на активности и активно се вклучуваа во нивно спроведување.

III. Препопараки

- Да се продолжи со реализација на слични активности и во наредната учебна година.
- Да се поттикнува уште поголема вклученост на учениците, наставниците и родителите.
- Да се продлабочи соработката со партнерските училишта, вклучувајќи и заеднички проекти, натпревари и културни манифестации.

- Да се зголеми видливоста на реализираните активности преку промоција во училиштето, медиумите и локалната заедница.

IV. Заклучок

Годишниот план за Меѓуетничка интеграција во образованието за учебната 2024/2025 година беше успешно реализиран. Активностите имаа позитивно влијание врз учениците, наставниците и целата училишна заедница. Постигнатите резултати претставуваат силна мотивација за продолжување и проширување на ваквиот тип активности и понатаму, во насока на создавање инклузивна и толерантна образовна средина.

Училишен координатор – Елена Максимовска

Годишен извештај - Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта 2024/2025 година

На средбите се спроведуваа активности на часовите со учениците претставници од одделенијата. На часовите преку дискусија преку објаснувања учениците се запознаа со содржини за антикорупциско однесување, одолевање на социјален притисок и препознавањена механизми за спречување корупција. Корупција претставува злоупотреба на службената положба за остварување незаконска приватна добивка. Формите на корупција се разликуваат, но вклучуваат: поткупување, изнуда, протекции, непотизам, покровителство, мито и проневера на пари. Зборот „корумпиран“ потекнува од латинскиот збор „corruptus“. Кога се користи како придавка, овој збор буквално значи „крајно расипан“, додека во современата англиска употреба зборовите корупција и корумпирани имаат многу значења. Корупцијата може да вклучи многу активности, вклучително и поткуп и проневера, иако може да вклучи и практики што се легални во многу земји. Политичка корупција се случува кога носител на должноста или друг владин вработен делува во службена должност за лична добивка. Корупцијата е најчесто во клептократии, олигархии, нарко-држави и мафијашки држави. На 9-ти декември, по донесувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата на

31 октомври 2003 година, се одбележува Меѓународниот ден за борба против корупцијата. Учениците добија јасна слика за поимот корупција. Откако беше пренесена презентацијата учениците отворено дискутираа за ова и притоа прашуваа и кажуваа можни примери за вакви случаи и не само тоа разговараа и за начинот како да се заштитат при вакви случаи. Со учениците првично беше разгледана програмата па потоа тие даваа свои ставови за поимот корупција и на последната средба направивме Анкетен прашалник. По спроведените активности може да заклучиме дека учениците работеа и ги научија основните значења на поимот корупција.

Во текот на учебната година се организираа отворени средби со родителите притоа беа запознаени со поимот антикорупција.Учениците беа потикнати да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството. Со тоа е подобрена мотивација за учество во активностите за антикорупциска едукација. Се развија потенцијалите на учениците преку ликовни и литературни творби за антикорупциска едукација. На најдобрите ученици им беа доделени дипломи и пофалници за учество во ликовниот и литературниот конкурс. На крајот беа сумирани резултатите од оваа година и се дадоа предлог активности за во Годишната програма за 2025/26 година.

Предметен наставник
Златка Панчевска
Наставник по македонски јазик

Проект: Училишни градини- училница од иднината
Извештај за реализација на содржини од проектот „Училишни градини“ за крај од учебната 2024/2025

Практичниот дел од планираните работилници не е реализиран поради градежни работи- изградба на спортска сала во подрачното училиште во С.Црешево каде беше планирано подигањето на училишната градина.

Учениците беа вклучени само во засадување на цвеќиња со готов расад со цел разубавување на училишниот двор.

Одговорен наставник:
Снежа Ангеловска

“Намалување на насилството – како да се сменат нештата”

Активностите кои ги планиравме во рамките на проектот **,,Намалување на насилството – како да се сменат нештата,,** одеа во насока да изградиме висок степен на толеранција, почитување и разбирање меѓу учениците.
Политиките кои ги планиравме се однесуваа на градење на реален став на училиштето против насилството за што беа запознаени сите субјекти во училиштето родители – старатели, вработени во училиштето и самите ученици. На сите субјекти им беа предочени видовите на насилство, како се манифестира и особено какви се последиците од истото.
Во наставата беа планирани активности и работилници од страна на стручните соработници со учениците за да се развие ненасилното однесување, да се препознае обидот за навлекување на насилство, начини на кои може да се решат конфликтите без насилство во било каков облик. Активностите во наставата се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини во кои главни реализатори на активностите беа учениците кои имаа можност да се најдат во улога на двете спротиставени страни на насилник и жртва на насилство.

Особено големо внимание се посвети на работилници одржани за подобрување на менталното здравје, односно колку е важно да се промовира добросостојбата на менталното здравје. Зацврстување на личните компетенициии здрави животни стилови, ангажираност, задоволство и смисла на животот и социјални компетенции како сочуствување и емпатија. Овие работилници беа одржани од страна на стручната служба во поголемите одделенија.
Исто така големо внимание и се посвети на врсничкото насилство. Преку одржување на работилници поврзани со булингот и врсничкото насилство учениците беа упатени како да превенираат и да се заштитат од денес актуелното врсничко насилство во училиштата како и на социјалните мрежи, работилниците беа одржани од страна на стручната служба со цел да се превенира, заштити како и кои се последиците од врсничко насилство.
Секако битен момент во едукацијата беше и како да се помогне на жртвите на насилство.Сметаме дека е допрено до свеста на учениците за прифаќање на ненасилно однесување.

Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Проектот има за цел да ја зајакне врската ,,родител – ученик – наставник,,. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес.Овој проект предвидува целта да се постигне преку заеднички активности во училиштето, односно преку организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои покрај учениците ќе земат учество и наставниците и родителите. Предвидените активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители.

Проектот ,,**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,,** Детската недела и оваа година беше одбележана во нашето училиште со низа активности,творби и работилници под мотото ,,Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“.

На почетокот од неделата учениците од секое одделение преку презентации се потсетија на одредбите од Конвенцијата за правата на детето,а потоа со своите наставници реализираа работилници преку кои ги презентираа правата и обврските на детето.

На ден 8.10.2024 год. беа реализирани спортски активности во соработка со наставниците по физичко и здравствено образование.

На ден 9.10.2024 год учениците твореа ликовни и литературни творби на тема ,,Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“.

На ден 10.10.2024год. се организираше кратка приредба за првачињата за прием во Детската организација,на која им беа презентирани дел од правата и обврските на децата, малку се пееше и играше преку неколку ритмички точки,а исто така неколку ученици ги прочитаа и своите напишани литературни творби. На крајот првачињата свечено ја рецитираа песничката ,,Ветување“.

Организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др.. Во текот на првото полугодие реализирани се следните активности:

02.09.2024 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.10.2024 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2024 – месец на книгата,

На ден 20.05..2025год. Учениците од VI а беа дел од предавањето на д-р. Моника Стојановска на тема "Здравјето и човекот" како дел од реализација на проектот ,,Соработка со родител- заедничка грижа за правилно насочување на учениците .

Реализирани родителски средби за одделенска и предметна настава- се закажуваат и одржуваат после одржаните одделенски и наставнички совет.

Реализирани родителски средби во одделенска настава:
04.09.2024, 07.11.2024; 20.01.2025; 09.04.2025; 26.05.2025, 18.06.2025; 27.06.2025,

Реализирани родителски средби во предметна настава:
04.09.2024, 08.11.2024; 10.12.2025; 20.01.2025; 09.04.2025; 26.05.2025, 18.06.2025; 28.06.2025
Посета на институција на подрачната канцеларија на Црвен Крст на Гази Баба назив Општинска организација на Црвен Крст на Гази Баба.

Проект "Унапредување на менталното здравје„
Годишен извештај за активностите на унапредување на менталното здравје спроведувани на месечно ниво

Спроведени работилници и активности во месец: Октомври 2024-25
Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1, 2 и 3 од прилогот), Билјана Антанасова – одделенски наставник (работилница 4 од прилогот), Сунчица Стојковска – одделенски наставник (работилница 5 од прилогот), Соња Апостоловска Трајковска – одделенски наставник (работилница 6 од прилогот)

Реден број	Наслов на работилницата	Одделение	Број на присутни ученици	Датум на реализација	Белешки од реализираната работилница
1	Активност Писмо до "идниот јас"	VIII а, VIII б	VIII а: 14 VIII б: 18	09.10.2024 – VIII а 10.10.2024 – VIII б	Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки

2	Дебата на тема “Социјален притисок кај момчињата и девојчињата”	VIII а, VIII б	VIII а: 14 VIII б: 18	09.10.2024 – VIII а 10.10.2024 – VIII б	Извештај од спроведена активност, фотографии
3	Самостојна изработка и делење на позитивни, мотивирачки и убави пораки	IX а, IX б	IX а: 28 IX б: 24	14.10.2024 – IX а 17.10.2024 – IX б	Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки
4	Работилница “Стоп за булинг”	V а	22	25.10.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии
5	Работилница “Пријателско и непријателско однесување”	III а	10	21.10.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии
6	Работилница “Деца со најубави имиња”	III б	20	29.10.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Ноември 2024-25

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Маја Крстеска – предметен наставник (работилница 3 од прилогот), Златка Панчевска – предметен наставник (работилница 4 од прилогот).

Реден број	Наслов на работилницата	Одделение	Број на присутни ученици	Датум на реализација	Белешки од реализираната работилница
1	Работилница “Насилство – поим и видови”	V а, V б	V а= 22 V б= 15	26.11.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии, работни

					листови
2	Работилница за кооперативно однесување и соработка “Заеднички подготовки за кампување”	VI а, VI б	VI а= 22 VI б= 23	28.11.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови
3	Работилница за справување со емоции “Покажи ми љубов”	IX б	24	08.11.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки
4	Работилница “Промени тука – промени таму”	VII а	19	01.11.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Декември 2024-25

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор (работилници 2 и 3 од прилогот), Љупка Богдановска – предметен наставник (работилница 4 од прилогот), Марија Сотировска – предметен наставник (работилница 5 од прилогот), Александра Величковска – предметен наставник (работилница 6 од прилогот)

Реден број	Наслов на работилницата	Одделение	Број на присутни ученици	Датум на реализација	Белешки од реализираната работилница
1	Работилница “Ненасилно решавање конфликти”	VII а, VII б	VII б = 30 VII а = 19	12.12.2024 – VII б 20.12.2024 – VII а	Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови
2	Работилница “Што се	Родители	Од повиканите	16.12.2024	Извештај од спроведена

	случуваше денес на училиште?”		, дојдоа 11 родители		активност, фотографии, изработки
3	Работилница “Развивање на емпатија и прифаќање на различностите ”	VI а, VIII б	VI а = 22 VIII б = 18	23.12.2024 – VI а 24.12.2024 – VIII б	Извештај од спроведена активност, фотографии, изработки
4	Работилница “Многу луѓе, малку простор”	VIII б	VIII б = 18	04.12.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии
5	Работилница “Ако не реагирам”	VIII а	VIII а = 14	17.12.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии
6	Работилница “Справување со емоции - Напаѓачко однесување”	VI б	VI б = 23	24.12.2024	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Јануари 2024-2025

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор (работилници 1 и 2 од прилогот), Оливера Тушевска Столеска – одделенски наставник (работилница 3 од прилогот), Катерина Трифунова Лозановски – предметен наставник (работилница 4 од прилогот).

Реден број	Наслов на работилницата	Одделение	Број на присутни ученици	Датум на реализација	Белешки од реализираната работилница
1	Работилница “Безбедно користење интернет”	VI а, VI б	VI а = 22 VI б = 23	24.01.2025 - VI б 29.01.2025 - VI а	Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови

2	Работилница за подобра комуникација и соработка помеѓу родителите и училиштето	Родители	14 родители	23.01.2025	Извештај од спроведена активност, работни листови
3	Работилница “Принцеза во хартиена ќеса”	II а	7	24.01.2025	Извештај од спроведена активност, изработки
4	Работилница “Напаѓачко однесување”	VI а	22	28.01.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Февруари 2024-2025

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Ивона Величковска – специјален едукатор и рехабилитатор (работилница 1 од прилогот), Габриела Јакимовска – психолог (работилница 2 од прилогот), Александра Мирческа – предметен наставник (работилница 3 од прилогот), Сунчица Стојковска – одделенски наставник (работилница 4 од прилогот).

Реден број	Наслов на работилницата	Одделение	Број на присутни ученици	Датум на реализација	Белешки од реализираната работилница
1	Работилница “Врсничка помош и поддршка на учениците со попреченост”	IX а, IX б	IX а = 28, IX б = 24	14.02.2025	Извештај од спроведена активност
2	Активност “Улогата на системите на поддршка, пријателствата,исхраната, физичките активности во подобрување на менталното здравје кај учениците”	IX а, IX б	IX а = 28, IX б = 24	IX б = 20.02.2025 IX а = 21.02.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови
3	Работилница “Притисок”	VII б	30	03.02.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии
4	Работилница “Зборување зад грб”	III а	10	19.02.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Март 2024-25

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилници 1 и 2 од прилогот), Јована Димовска – предметен наставник (работилница 2 од прилогот), Елена Максимовска – одделенски наставник (работилница 3 од прилогот), Теодора Димовска - одделенски наставник (работилница 4 од прилогот)

Реден број	Наслов на работилницата	Одделение	Број на присутни ученици	Датум на реализација	Белешки од реализираната работилница
1	Интерактивна активност со учениците за видови на карактери	VIII а, VIII б	VIII а = 14 VIII б = 18	VIII а = 27.03.2025 VIII б = 28.03.2025	Извештај од спроведена активност, работни листови
2	Водич и насоки за родители во услови на криза	Родители	Родители (веб страна на улилиштето)	24.03.2025	Поставено на веб страната на училиштето
3	Работилница “Момчињата не плачат”	V б	15	24.03.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии
4	Работилница “Да се спротивставувам или не?”	IV а	22	25.03.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Април 2024-2025

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Габриела Јакимовска – психолог (работилници 1 и 2 од прилогот), Марина Миткова – педагог (работилница 1 од прилогот), Сања Костовиќ Николовска – одделенски наставник (работилница 3 од прилогот), Весна Јованова – одделенски наставник (работилница 4 од прилогот).

Ред ен број	Наслов на работилницата	Одде ление	Број на присутни ученици	Датум на реализаци ја	Белешки од реализираната работилница
1	Работилница “Професионална ориентација, способности и интереси кај учениците”	IX а, IX б	IX а = 28, IX б = 24	22.04.2025	Извештај од спроведена активност, материјали
2	Работилница “Лебдење во балон”	V а, V б	V а = 22, V б = 15	V а = 29.04.2025 V б = 17.04.2025	Извештај од спроведена активност, материјали, фотографии
3	Работилница “Кога и од кого можам да побарам помош”	II а	7	16.04.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии, работни листови
4	Работилница “Моја облека - моја грижа”	IV б	13	25.04.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии

Спроведени работилници и активности во месец: Мај и Јуни 2024-25

Стручен соработник/ реализатор на работилницата: Лила Стојковска – одделенски наставник (работилница 1 од прилогот), Билјана Антанасова – одделенски наставник (работилница 2 од прилогот), Јована Димовска - предметен наставник (работилница 3 од прилогот)

Ред ен број	Наслов на работилницата	Одде ление	Број на присутни ученици	Датум на реализаци ја	Белешки од реализирана та работилница
1	Работилница “Моите чувства”	II б	26	27.05.2025	Извештај од спроведена активност
2	Работилница “Ај да гребеме автомобили”	V а	22	26.05.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии
3	Работилница “Желби за подобар свет доколку бев волшебник”	IX а	28	02.06.2025	Извештај од спроведена активност, фотографии

И З В Е Ш Т А Ј

За спроведени работилници и активности со психолог за
Денот на менталното здравје (10.10.2024)

По повод Ден на менталното здравје (10.10) во училиштата во Булачани и Црешево во текот на неделата беа реализирани активности со училишниот психолог Габриела Јакимовска. Учениците од VIII а и VIII б одделение пишуваа писма до “идниот јас”, кои ќе ги читаат на крајот на учебната година. Покрај тоа, во вид на дебата се зборуваше за социјалниот притисок кај момчињата и девојчињата. Учениците од IX а и IX б одделение рачно изработуваа декоративни ливчиња на кои самите пишуваа позитивни, убави и мотивирачки пораки. По завршување на часот заедно ги делеа тие пораки на наставниците, стручните соработници и други ученици во училиштето.

Менталното здравје во себе вклучува емоционално, социјално и психолошко здравје. Психичкото здравје е еднакво значајно и важно колку и физичкото и во никој случај не треба да биде занемарено.



Проект „ Безбедна сајбер зона“

ЦСИ „ Надеж“ поддржано од општина Гази Баба

На 18.10.2024 се одржа проект „Безбедна сајбер зона“ составена од две фокус групи едната ученици и едната возрасни (родители наставници и стручна служба.) Целта на фокус групите е утврдување на потребата за заштита на децата од сајбер насилство и согледување на ставот на учениците, родителите, наставниците и членовите на стручна служба.

Во рамките на проектот „Безбедна Сајбер Зона,“ се одржа фокус група наменета за ученици во кое исто така беа вклучени и деца од подрачното училиште во с. Црешево. Во оваа фокус група учествуваа осум ученици и тоа по две деца од шесто одделение, седмо одделение, осмо одделение и деветто одделение. Учениците беа избрани од страна на класните раководители. Прашањата беа формулирани да го истражат нивото на познавање на учесниците за сајбер насилството, сериозноста на проблемот во однос на физичкото насилство, свесноста на младите за овој проблем, последиците кои ги предизвикува, нивната реакција на објави и коментари во вид на сајбер насилство, кои интернет платформи ги користат и на кои сајбер насилството е најактивно, нивните перцепции за тоа како училиштето може да помогне во спречување на овој проблем и неговапревенција, како и улогата на родителите во спречување на сајбер насилството. Потреба од едукација и интервенција: Учениците истакнуваат потреба и желба од поголема креативност во одржување на работилниците на теми поврзани со насилство.Голем дел од присутните деца често биле во стручна служба за разговор поради одредено недоразбирање или проблем. Фокус групата овозможи значајни сознанија за ставовите и искуствата на младите во однос на сајбер насилството и потврди дека е неопходна континуирана едукација иподдршка за спречување на овој проблем.

Потреба од едукација и интервенција: И стручната служба и родителите нагласија дека е потребно поголемо едуцирање на учениците и родителите на темата сајбер насилство.

Стручната служба активно реализира работилници со самите ученици на теми поврзани со сајбер насилство, но и слични теми. Вклучени се во неколку проекти, а и како училиште изразуваат заинтересираност за активности кои би ги надоградиле за полесно справување со потешкотии на работно место.

Препораки:

- Поголема едукација на родителите за начините на безбедно следење на активностите на нивните деца без да се наруши довербата.
- Намалување на возрасната граница за работа на превенција од сајбер насилство

Од најголема важност на пристапот и соработката на училиштето, родителите и стручната служба за ефикасна превенција и справување со сајбер насилството. Потребата за поголема едукација и поголемо делување уште од рана возраст.

И З В Е Ш Т А Ј

За спроведен проект “Негативни последици од Тик Ток предизвици”

Поради големиот опфат на училишта каде што учениците учествуваат во опасни Тик Ток предизвици, нашето училиште одлучи да ги активира учениците во проект насловен “Негативни последици од Тик Ток предизвици”. Учениците беа координирани од стручната служба и од класните раководители. Секоја паралелка од предметна настава требаше да направи изработки: хамер,

презентација на наведената тема. Притоа, вниманието требаше да го насочат кон извлечената поука и донесените заклучоци. Сите групи завршија одлична работа, секоја група презентираше пред друго одделение од училиштето. Главната цел на проектот беше подигнување на свесноста кај учениците за можните повреди и последици од предизвиците, како и за влијанието на медиумите и социјалните мрежи – само затоа што нешто е во тренд, не значи дека е правилно и дека треба да се следи.

Извештај од спроведени работилници и активности за обучување за Самозаштита во училиштето

И З В Е Ш Т А Ј
од одржана едукативна работилница „Заштита од пожари“

На 22 и 23 мај со цел самостојно да прават проценка на опасностите од пожари, експлозии и опасни материи, да ја подигнат свеста за значењето на превентивната заштита од пожари, опасностите кон животите, имототот, материјалните и природните богатства учениците имаа можност да следат едукативна обука насловена „Заштита од пожари“. Во работилницата беа опфатени учениците од 9 одделение од Црешево и Булачани а истата ја спроведе одделенскиот наставник Весна Јованова, обучен презентер за заштита од пожари од страна на Противпожарен сојуз на град Скопје.

Во времетраење од 40 минути заради своја безбедност и безбедност на другите учениците стекнаа знаења за потребните услови за да се случи горење или пожар, се запознаа со последиците од пожарите, кој ги предизвикува, најчести орулини за предизвикување пожар во домовите, мерките за спречување на предизвикување. Голем акцент беше ставен на начинот на гаснење на пожарите, ПП опремата, како да постапат учениците во случај на пожар, да научат да ги читаат значите за известување, како и каде да пријават доколку забележат пожар.

На крајот од работилницата учениците беа мотивирани да изработат литературни или ликовни творби на тема „Заштита од пожари“ како би можеле да земат учество на Конкурсот кој секоја година го организира ПП сојуз на град Скопје.

Одд.наставник: Весна Јованова

Извештај од соработка со локална заедница за спроведена работилница на тема „Елементарни непогоди“

Врз основа на меморандум за соработка со општина Гази Баба, Воената академија започна со реализација на едукативни обуки за превенција и заштита во случај на пожари, земјотреси и поплави за учениците во основните училишта на територијата на општина Гази Баба. Денес беа одржани едукативни обуки и во нашето училиште со учениците од девето одделение. Обуките ги реализираа професорите д-р Билјана Каровска-Андоновска, д-р Димитар Богатинов, пполк. и д-р Љупчо Шошоловски, мајор. Преку интерактивни предавања и практични совети, учениците имаа можност да се едуцираат за основните правила за постапување во случај на елементарни непогоди.

Извештај од спроведени работилници и активности за обучување за Самозаштита во училиштето во соработка сородители

Како дел од постојаната соработка на училиштето со родителите на нашите ученици, со учениците од V одделение имаше предавање од родител Златко Здравковски кој работи како пожарникар. Тој ни објасни колку е важна неговата професија и како изгледа еден негов работен ден. Ни покажа опрема за гаснење пожар и не научи како да реагираме при пожар. Учениците поставуваа прашања и со големо внимание го следеа предавањето. Најмногу ни се допадна демонстрацијата со заштитната опрема и храброста што ја покажуваат пожарникарите секој ден. Предавањето беше едукативно и инспиративно.

ИЗВЕШТАЈ ОД НАТПРЕВАР ПО ПЦК

На **16.04.2025**, во организација на Општинската организација на Црвен крст ГАЗИ БАБА-Скопје, се одржа натпревар во прва помош и хуманитарни активности во средното училиште **Панче Арсовски**. На натпреварот учествуваа екипи од основни и средни училишта кои покажаа високо ниво на знаење, тимска работа и подготвеност за дејствување во итни ситуации.

Натпреварот се состоеше од симулации на реални ситуации, решавање на задачи поврзани со укажување прва помош и активности поврзани со промоција на хуманите вредности. Сите екипи покажаа голема ангажираност и посветеност.

Настанот помина во позитивна и другарска атмосфера, а волонтерите и судиите придонесоа за фер и професионална организација.

Целта на натпреварот беше да се поттикне младинскиот активизам, хуманоста и знаењето за укажување прва помош – вредности кои се основа на мисијата на Црвениот крст.

одговорен наставник
Биљана Белогаска

Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј
за спроведени советувања со родители и ученици во учебната 2024 – 2025 година

Советувањето на родителите во нашето училиште се одвива според програмата за советување на родители во основните училишта, со цел запознавање на родителите на учениците кои нередовно посетуваат настава, имаат слаб успех во учењето или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца. Ги советуваме родителите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици. Постапката како да бидат повикани родителите на советување законски беше запазена, а при советувањето се внимаваше исто така на програмските основи за советување на родителите имајќи го во предвид основниот услов за постигнување на целта на советувањето, а тоа е градењето доверба и развивањето партнерски односи со родителите за надминување на тешкотиите или проблемите што се јавиле кај нивните деца, притоа потенцирајќи им ги подетално стиловите на родителство и нивните ефекти и препораките за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето.

По разговорите со раководителите на паралелките и одржаните одделенски, предметни и наставнички совети се селектираат учениците и се пристапува кон реализирање на советувањето според програмски утврдениот терк. За секое советување се води документација:

- Покана за родителот / старателот кој се повикува на советување
- Записници од одржаното советување при првата, втората и третата средба
- Потписи за присуство

Бројот на повиканите родители варира секоја учебна година во зависност од наведените присутни проблеми. Во учебната 2024 – 2025 година советувани се вкупно 25 родители на ученици, од кои 23 поради слаб успех и 2 поради нередовно посетување настава. По советувањето на родителите, се спроведува и советување на учениците.

Реализатор на советувањето:
Габриела Јакимовска - Психолог

ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Тоа е подрачје во кое пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште поактивно ќе се вклучат. Планираните активности во годишната програма се реализирани. Дел од активностите на секциите се:

02.09.2024 – пригодна програма по повод приемот на првачињата,

05.09.2024 - Приредба по повод приемот на првачињата во Детската Организација,

15.10 – 15.11.2024 – месец на книгата,

Во текот на второто полугодие во рамките на вонаставните активности се реализираа работилници со учениците од I – IX одделение за личен, социоемоционален и психолошки развој на учениците.

ИЗВЕШТАЈ ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР

ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани, с.Црешево, с.Раштак

Одговорни наставници се сите наставници во училиштето, стручен тим, директор, техничка служба

1.БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ НА ОБУКАТА:

Цело училиште- сите деца-ученици во сите наведени објекти.

2. РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИТЕ

Активности	Датум/место на реализација	активности
1. Организација на наставниците со учениците за начинот на изведување на базарот. 2. Изведување работилници со учениците –	16. 04.2024 г. ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани, с.Црешево, с.Раштак	- Меѓунаставничка соработка на ученици од прво до деветто одделение. - изведување на базар со продажба на храна, пијалоци, украси. - собирање на

изработка на украси, корпи, јајца.... 3. Информирање на родителите и мештаните во околната средина. 4. Известување на Совет на родители за наменското трошење на средствата кои ќе се добијат од базарот.		средствата. - известување на Совет на родители за добиените средства.

1. ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

Родителите и учениците во нашето училиште секоја година искажуваат желба за изведба на базар, на кој се одвива меѓусебна дружба, соработка меѓу наставниците, родителите и учениците и со самите активности се добива продуктивност на собирање материјални средства. Средствата кои ќе се соберат наменски ќе бидат за потребите на училиштето.

Извештај од одржани екскурзии и излети

ИЗВЕШТАЈ

За реализираната тридневна екскурзија
со наставно научно-рекреативен карактер

***Место на посета*:** Централен и Западен дел на Македонија
Булачани - Скопје – Велес – Прилеп – Крушево - Битола – Охрид – Свети Наум – Струга – Вевчани - Кичево - Скопје.
***Опфатеност на ученици*:** учениците од IX-а и IX-б
***Време на реализација*:** 07, 08 и 09 октомври 2024 год.
***Раководител на екскурзијата**:* Маја Крстеска
Заменик раководител: Јована Димовска, Дејан Тупоски

Согласно програмата за реализација на екскурзии, ООУ,,Наум Охридски" с.Булачани - Скопје, организираше тридневна екскурзија во Централен и Западен дел на Македонија. На оваа екскурзија беа вкупно 51 ученик од IX-а и IX-б одд. под раководство на одделенските раководители Маја Крстеска и Јована Димовска, како и наставникот по физичко и здравствено образ. Дејан Тупоски. Патувањето беше пропратено со медицинско лице и представник од туристичката агенција. Агенцијата која ја реализира екскурзијата е Т.А Кондор *No* 1 од Скопје.

Прв ден. Тргнувањето на групата беше од пред училиште во 8:30 часот. Се патуваше преку Велес, со попатен посета и пауза на локалитетот Стоби, кој бил најголемиот град во северниот дел на римската провинција Македонија, а подоцна главен град на провинцијата Macedonia Secunda и значаен урбан, воен, административен, трговски и религиозен центар на две големи империи: римската и рановизантиската. Потоа преку Неготино и Кавадарци се продолжи кон Прилеп, каде се посети спомен-паркот Могила, кој е изграден 1961 година во чест на загинатите борци од НОВ. Спомен паркот на Револуцијата составен е од: Алеја на народните херои со бисти од десетте загинати херои, Цветна алеја, патека која води до Заедничка гробница - крипта. Потоа се разгледа вториот дел во кој се наоѓа криптата - заедничката гробница, каде во мермерните плочи се вклесани имињата на паднатите борци, кои го положиле животот за ослободување на Македонија. Следната дестинација беше Крушево каде се посети Македониумот, споменик кој ја означува непокорноста, борбата и вечната стремеж на македонскиот народ за слобода и самостојна држава, како и спомен-куќата на Тоше Проески, една од најголемите ѕвезди на балканската музичка сцена.

Групата продолжи во Битола, каде ја посетија Хераклеа, градска населба од старомакедонско време до средниот век која е основана кон средината на IV век пред н.е. од страна на кралот Филип II Македонски, како важен стратегиски пункт. Потоа го посетија и Музејот на Битола, односно спомен - собата на Кемал Ататурк турски офицер, револуционер и државник, кој успеал старата Отоманска Империја да ја трансформира во современа демократска и секуларна држава . Потоа учениците имаа 1 час слободно време за прошетка по Широк сокак. Од тука тргнаа кон крајната дестинација за овој ден, хотел Конгресен центар во Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместија, имаа организирана вечера, забава и ноќевање.



Втор ден. Започна со појадок во ресторанот во 8:00 часот, а потоа се упативме кон Вевчани со посета на Вевчанските извори едни од поретките псевдопериодски сифонски врела во Македонија. Потоа следуваше разглед на градот Струга со кратка прошетка низ чаршијата и посета на истекот на реката Дрим од Охридското езеро. Во Струга ја посетивме куќата на Миладиновци и Природно Научниот Музеј. Се вративме во хотелот, следуваше ручек и мал одмор, а потоа заминавме во посета на градот Охрид, прошетката низ стариот дел на градот започна со посета на Св.Софија, една од најголемите средновековни цркви на овие простори која во еден долг временски период била соборна црква на Охридската архиепископија, Св.Јован Канео, една од најпознатите цркви во Охрид, на карпестиот рид над плажата Канео во стариот дел на градот, Плаошник, религиозен локалитет уште од почетоците на христијанството, каде се пронајдени неколку големи ранохристијански базилики, како и остатоци од црквата Свети Пантелејмон која ја изградил и во која работел Свети Климент Охридски, Самоилова тврдина, која се смета за една од најголемите фортификации зачувани во Македонија и е поврзана со големото археолошкото истражување на културните слоеви во нејзината внатрешност, при што биле откриени многу вредни наоди, меѓу кои и познатите "Златна маска и златна ракавица", датирани од 5 век п.н.е., амфитеатарот, бил изграден во хеленистичкиот период, т.е. во 200 година п.н.е. и е единствениот хеленистички амфитеатар. По посетата на стариот град Охрид се вративме во хотелот каде следуваше вечера, по што следуваше организирана забава во диско – „Карусо“ во центарот на градот Охрид каде учениците останаа до 22:30 часот.

ИЗВЕШТАЈ
За реализираната дводневна екскурзија со наставно научно-рекреативен карактер

***Место на посета*:** Југоисточна Македонија
Булачани - Скопје - Куманово - Кокино - Кратово - Пробиштип – Штип – Радовиш – Струмица – Ново Село – Колешино – Дојран - Гевгелија – Демир Капија – Стоби - Скопје.
***Опфатеност на ученици*:** учениците од VI-а и VI-б одд.
***Време на реализација*:** 08 и 09 мај 2025 год.
***Раководител на екскурзијата**:* Александра Величковска
Заменик раководител: КатеринаТрифунова Лозановски

Согласно програмата за реализација на екскурзии, ООУ,,Наум Охридски" с.Булачани - Скопје, организираше дводневна екскурзија во Југоисточниот дел на Македонија. На оваа екскурзија беа вкупно 25 ученици од VI-а и VI-б одд. под раководство на одделенските раководители КатеринаТрифунова Лозановски и Александра Величковска. Патувањето беше пропратено со медицинско лице од туристичката агенција. Агенцијата која ја реализира екскурзијата е Т.А Кондор *No* 1 од Скопје.

Прв ден. Во 8:30 часот учениците се сместија во автобусот на агенцијата Кондор *No* 1 кој беше паркиран пред училиштето во Булачани. Според утврдената маршута, автобусот се упати во правец од Скопје преку Куманово, со попатна посета на мегалитска опсерваторија Кокино во атарот на општината Старо Нагоричане каде се задржавме околу еден час од каде се упативме кон Кратово, со попатна посета на селото Куклица и земјените пирамидални форми – камени кукли. Во Кратово учениците се запознаваат со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата, кратовските маала, сето тоа со панорамско разгледување низ градот. Потоа се упативме за Пробиштип каде го посетивме Лесновскиот манастир. Отука се упативме кон Радовиш каде ја посетивме црквата св.Троица. Направивме панорамско разгледување на градот Штип и се упативме кон Струмица и Ново село од каде продолживме за Колешино и посета на Колешинските водопади каде што имавме организирано ручек во ресторан „Сонце" на оваа локација се задржавме околу два часа, а потоа се упативме во посета на манастирот Вењуса. Во доцните попладневни часови пристигнувме во Дојран каде се сместивме во Хотел Ла Тераца. Учениците се сместија во собите, а потоа следуваше вечера. По вечерата по желба на учениците се организизираше интерна забава надвор од хотелот каде учениците останаа до 22:00 часот.

Втор ден. Започна со појадок во ресторанот во 8:00 часот, а потоа следуваше едночасовна прошетка покрај Дојранското езеро и набљудување на ендемската флора и фауна. Оттука се упативме кон посета на локалните знаменитости на градот Дојран како

што се Природно научниот музеј, црквата св. Илија која е изградена во XIX век и манастирот Марија Магдалена. Се вративме во хотелот, следуваше ручек а потоа тргнавме во посета на граничниот премин
Стар Дојран. По оваа посета се упативме за Скопје преку Демир Капија каде ја посетивме винаријата „Вила Марија“ а попатно го посетивме и археолошкиот локалитетот Стоби.

Пристигнувањето во Скопје беше во доцните попладневни часови.
Дводневната екскурзија помина во најдобар ред.

Одговорните наставници за екскурзија за шесто одделение.

ИЗВЕШТАЈ
За реализирана Настава во природа

Прв ден

Групата појде од пред училишната зграда во 09:00 часот. Се патуваше преку Тетово и Гостивар со попатно панорамско набљудување и фотографирање на Полошката Котлина. Пристигнавме во село Вруток каде што се набљудуваше изворот на реката Вардар. Следеше посета на Маврово и разгледување на Мавровското Езеро. Потоа го посетивме манастирот „Св. Јован Бигорски“ каде што учениците се запознаа со историјата на манастирот. Патувањето продолжи кон градот Струга со попатно застанување во Вевчани каде се разговараше за природните убавини и знаменитости. По пристигнувањето во Охрид, се сместивме во хотелот „Конгресен центар“, следеше прошетка, ручек и попладневен одмор. Попладнето учениците вршеа истражување на животинскиот и растителниот свет во и покрај вода, по што пишуваа извештаи за истражувањето и ги презентираа своите наоди. Се водеше групен дневник за местата и активностите од првиот ден, а вечерта беше организирана забава и дружење.

Втор ден

Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Следеше посета на Заливот на коските и манастирот Св. Наум, каде што беше организирано групно фотографирање. При враќањето попатно ги посетивме Билјанини извори. Учениците беа поделени во три групи и пишуваа извештаи за истражувањата и знаењата стекнати во текот на посетите. По ручекот и одморот, организирана беше прошетка низ старата охридска чаршија, разгледување на црквата Св. Софија, Античкиот театар и спомен куќата на Робевци. Учениците разговараа со занаетчии и правеа интервјуа. Вечерта следеше презентација на извештаите, водење на групен дневник за вториот ден, забава и ноќевање.

Трет ден:
Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Посетивме неколку значајни културно-историски локации: Самоиловата тврдина, Плаошник и Св. Јован Канео. Учениците фотографираа и се запознаа со културното наследство на Охрид. По враќањето во хотелот, следеа ручек, попладневен одмор, пишување и презентација на извештаи. Беа организирани спортски активности и социјални игри. Вечерта се одржа квиз натпревар со прашања од знаењата стекнати за време на престојот. Се водеше групен дневник за третиот ден, а потоа следуваше организирана забава и ноќевање.

Четврт ден:
Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Се посети градот Струга каде што беа разгледани Спомен куќата на браќата Миладиновци, Паркот на поезијата, Природно- научниот музеј „Никола Незлобински“ и манастирскиот комплекс „Калишта“. По враќањето во одмаралиштето следеа ручек, одмор и цртање инспирирано од набљудувањата. Потоа се организираа спортски активности и социјални игри и прошетка покрај езерскиот брег. Вечерата беше организирана забава и дружење на учениците

Петти ден:
Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на хотелот. На враќање преку Битола, беше извршена посета на гробот и спомен куќата на Тоше Проески, Музејот на НОВ, леарницата за оружје од Илинденското востание и споменикот Македониум. Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

Заклучок:
Во текот на патувањето учениците се запознаа со природните убавини и културното наследство на Македонија, стекнаа нови знаења преку истражувања и посети, развиваа социјални вештини и учествуваа во спортски и забавни активности. Програмата беше успешно реализирана со активно учество и голема заинтересираност на учениците.
Носители на активностите: учениците и одделенските наставници на V-те одделенија: Va –Билјана Антанасова и Vб –Елена Максимовска.

Раководители на активностите во рамки на наставата во природа: Va –Билјана Антанасова и Vб –Елена Максимовска.

Време на реализација и времетраење: 22.04.2025 до 26.04.2025, 4 ноќевања - пет дена.

Одговорни наставници: Билјана Антанасова Елена Максимовска

ИЗВЕШТАЈ
За реализираната еднодневна екскурзија
со наставно научно-рекреативен карактер

1.РАСПОРЕД НА АКТИВНОСТИТЕ

План на патувањето:

- Тргнување во 08:30
- Попатно разгледување на одликите на Македонија
- Посета на ХЕЦ Тиквеш
- Посета на винарија Тиквеш
- Посета на селото Ваташа каде се посетува Спомен куќата на Страшо Пинџур и спомен обележјето за дванаесетте младинци стрелани за време на НОБ
- Посета на градот Кавадарци и прошетка низ градски парк и чаршијата
- Тргнување за Скопје во 16:00 часот и пристигнување во попладневните часови

2. ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

Учениците од ООУ,,Наум Охридски“ 3 одделение безбедно се качија во автобусот според предвиденото време. Потоа попатно на договорено и испланирано време ни се придружија учениците од 3 одделенеие од ООУ,,Његош“. Патувањето течеше мирно и спокојно со попатно две застанувања поради потреби на учениците или наставниците.

- ХЕЦ Тиквеш

Учениците се запознаа со придобивките и целта на постоењето на ХЕЦ Тиквеш. Учениците практично видоа дел од хидроцентралата која произведува електрична енергија од обновлив извор-водата и притоа развија чувство на

заштита, правилно користење и одговорност кон водата и кон електричната енергија.

ХЕЦ Тиквеш е лоцирана на Црна Река, околу 27 км возводно од нејзиното вливање во река Вардар во близина на Кавадарци. Овој хидросистем е со двојна намена, се користи за производство на електрична енергија и за наводнување на Тиквешко Поле, еден од најтоплите и најсушните региони во Северна Македонија.

Хидроелектраната Тиквеш е проектирана и изведена со инсталирана моќност од 113 MW и годишно производство од 144 GWh. Машинската зграда се наоѓа во подножјето на браната. Во зградата се сместени 4 агрегати опремени со Францис турбини со вертикална оска, како и со трофазни синхрони генератори. Трансформаторите се сместени надвор од машинската зграда. Локацијата на разводната постројка 110 kV е надворешна.

Таа има двојна улога-1- заштеда на електрична енергија и -2- заштита од поплава доколку се качи водостојот на езерото (тогаш произведуваат повеќе електрична енергија и ја црпат повеќе водата од самото езеро-Тиквешко Езеро)

- Винарија Тиквеш

„Тиквеш“ — најголемата винарска визба во Македонија и најстара винарија на Балканот . Според правниот статус, таа е акционерско друштво, со седиште во Кавадарци.

- Произведува вино (црвено, бело и розе), ракии, видови сокови

Учениците стекнаа знаења за начинот и видот на производство на виното-дрвените буриња се користат за црвено и розе вино, а иноксните буриња за бело вино.

Село Ваташа - Спомен куќата на Страшо Пинџур

Спомен куќата на Страшо Пинџур за прв пат е отворена во 1958 година кога е прогласена за меморијален Спомен-музеј во кој е сместена историска поставка за животот и делото на народниот херој Страшо Пинџур.

Музејот се состои од два дела: битов дел- во кој се доловува внатрешниот амбиент на куќата во која живеело семејството Пинџур и документарен дел-изложба за запознавање на посетителите со најважите моменти од животот и револуционерната дејност на Страшо Пинџур.

Овој споменик на културата е збогатен со документи, фотографии и други материјали кои откриваат моменти од животот на народниот херој и е заштитен како споменик на културата. Куќата на Страшо Пинџур е посетена од голем број на граѓани и туристи.

Учениците се запознаа накратко со детството, животот и делото на Страшо Пинџур. Тој многу мал останал сирак, неговата баба го израснала, но сепак никогаш не застанал пред своите соништа и успеал да заврши училиште, па дури и факултет во Белград, Жалосно е што нема гроб, а и самиот додека бил жив во некој момент рекол: „Ќе умрам млад и нема да ми се знае гробот“- Го убиле, исечкале неговот тело и го фрлиле во река. Неговото животно дело и ден денес се спомнува.

Тема : Посета на знаменитости, објекти од општествен и културен карактер
Дата на реализација: 30.05.2025 год.
ООУ ,,Наум Охридски“ с. Булачани и с.Црешево
ООУ,,Његош“ с.Јурумлери
Одговорни наставници: Сунчица Стојковска III-а, Соња АпостоловскаТрајковска III-б, асистент Ружица Тенекеџиевска
Одделенски наставници: Весна Петковиќ III-1, Гордана Стојановска III-2

- Учениците безбедно пристигнаа според предвиденото време и агенда во попладневните часови во 18 часот.

На 03 Октомври учениците од I до IX одделение од нашето училиште, заедно со своите наставници , реализираа еднодневен есенски излет од рекреативен карактер во Парк шума Гази Баба. Низ игра, смеа и дружење учениците поминаа еден убав есенски ден.

Еднодневно пролетно уживање на 09 јуни во спортско рекреативниот центар Хиподром! Излетот е едукативен, забавен и исполнет со позитивна енергија. Учениците уживаат во прошетка во околината,заеднички игри и дружење на свеж воздух.

-Во рамките на **Code Week** се реализираа два проекти codeanimal и CoDiNg учениците од второ, четврто и петто одделение ги реализираа овие проекти. Преку овие проекти учениците ги зголемија своите способности за кодирање.

ИЗВЕШТАЈ

еТвининг училиште

Преку **eTwining** платформата се реализираа проекти:

-A.C.T.I.V.E
-Citizen of nature
-Litlle digital citien act together
-Our values
-My culture my hertrige
- капка по капка во иднината

eTwining награда за најдобро **eTwining** основно училиште 2025-2026 :
Тим е Твининг на ООУ,, Наум Охридски,, с.Булачани

Со гордост објавуваме дека со посветеноста, трудот и напорот на одговорните наставници Соња Апостоловска – Трајковска, Елена Максимовска, Биљана

Белогаска, Александра Мирческа ги исполнивме критериумите и бевме избрани за оваа титула eTwinning училиште.

ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ОД ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ (07.04.2025 – 11.04.2025)

Action Type KA210-SCH - Small-scale partnerships in school education (KA210-SCH)

Име на проектот:

GROWING UP TOGETHER - РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

Место на одржување:

Училиште: H.LUTFI PAMUKCU ORTAOKULU - Türkiye

Период: Прва мобилност

07.04.2025 – 11.04.2025

ДЕН 1 – 07.04.2025 (Понеделник)

Првиот ден започна со церемонија за добредојде, на која имаше изведба на традиционален народен танц и музика. Следуваше обиколка на училиштето, при што учесниците се запознаа со просториите и наставниците.

Гледавме воведни видеа за земјата, градот и училиштето, како и презентација за прегледот на проектот. Во попладневниот дел, учесниците читаа и дискутираа приказни за раст и промена, анализирајќи карактери со фокус на развојот и нивните „патувања“. Завршивме со читање приказни поврзани со синдромот на Петар Пан и размислување за личните искуства на раст.

ДЕН 2 – 08.04.2025 (Вторник)

Денот започна со активност за загревање, по што следеше вовед во креативно пишување. Учениците беа инспирирани од „Малиот принц“, преку презентации, визуелни материјали и музика, а потоа напишаа свои полуприказни поврзани со темата „Патувањето на херојот“. Приказните беа читани на глас и илустрирани со цртежи, а потоа и глумени во кратки сценски изведби. На крајот беше пополнета анкета за евалуација.

ДЕН 3 – 09.04.2025 (Среда) Третиот ден беше фокусиран на синдромот на Петар Пан. По воведната активност, следеше интерактивна дискусија и практична работилница за стратегии за справување. Имаше активности за мапирање на емоции и тркало на растот, каде што учениците ги дефинираа своите лични чекори на развој. Попладне се реализираа активности со тема одговорност, насочени кон улогите дома, во училиштето и општеството.

ДЕН 4 – 10.04.2025 (Четврток) Во четвртиот ден се одржа работилница за развивање приказни. Учесниците ги подобруваа своите претходно напишани приказни користејќи ја техниката на станица, каде секоја група работеше на различен дел од иста приказна (вовед, развој, заклучок), ротирајќи помеѓу станиците. Приказните беа споени и презентирани во групи. Активностите беа евалуирани со дневна анкета.

ДЕН 5 – 11.04.2025 (Петок) Последниот ден беше наменет за изложби. Учениците ги презентираа своите приказни, цртежи и фотографии од изминатите денови. Изложбата беше отворена за родители, наставници и гости. Во свечена атмосфера беа доделени сертификати за учество, по што следеше завршна церемонија со музика и благодарности.

ЕРАЗМУС+Проект на првата мобилност на која беа 8 ученици и 4 наставници од нашето училште во училиштето H.LUTFI PAMUKCU ORTAOKULU - Турција во периодот од 07.04.2025 до 11.04.2025 година. Програмата беше успешно реализирана, со висока мотивација кај учениците и позитивна атмосфера. Целите за личен раст, креативен израз и дискусија за одговорност беа целосно постигнати. Учениците и наставниците се вратија со позитивни впечатоци од пет незаборавни дена. Наставниците кои беа ги раскажуваа своите импресии од посетата на училиштето во Турција. Кординаторот напомена дека во периодот од 18 до 24 мај нашето училиште ќе биде домаќин и наши гости ќе бидат од Турција и Романија, и треба да се подготвиме и да ги пречекаме каде учество ќе земат и родителите. А во месец Октомври нашето училиште ќе биде гостин во Романија.

2024-1-TRO1-KA210-SCH-000247654

GROWING UP TOGETHER- РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

ИЗВЕШТАЈ ЗА ВТОРА МОБИЛНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

Место на одржување: ООУ Наум Охридски, с. Булачани, Скопје, Северна Македонија

Период: 19.05.2025 – 23.05.2025

ПОНЕДЕЛНИК,19 МАЈ 2025

ДЕН 1: Добредојде и претставување

ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00);

Денот започна со церемонија за добредојде, вклучувајќи традиционален народен танц и музичка изведба за претставување на локалната култура. Следеше активност за кршење мраз, охрабрувајќи ги учесниците од партнерските училишта да комуницираат и да се запознаат.

Беше презентирано претставување на училиштето преку кратка обиколка и формално претставување од страна на клучниот персонал.

За време на прегледот на проектот, координаторот на училиштето ги презентираше целите за неделата. Секој учесник го додаде своето име на симболично дрво за да го претставува единството.

Вовед Беа споделени видеа за секоја земја, град и училиште, по што следеше кратка сесија со прашања и одговори за да се промовира културна размена.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00):

Активноста „Дрво на одговорност“ беше воведена преку кратка презентација и дискусија. Учениците учествуваа во сесија „Целосно се согласувам/Не се согласувам“, дискутирајќи за изјавите поврзани со одговорноста.

Во групните дискусии, мешаните тимови разменија мислења за личните одговорности, идентификувајќи ги своите омилени и најмалку омилени.

Следеше активност за поставување цели, каде што учесниците идентификуваа лични и групни краткорочни и долгорочни цели, кои ги споделија со своите врсници.

ВТОРНИК, 20 МАЈ 2025

ДЕН 2: Креативност и одговорност (20.05.2025)

ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00):

Утрото започна со вовед во Креативната работилница, фокусирајќи се на истражување на одговорноста преку приказни, скечеви и стрипови.

Учениците учествуваа во дискусија за концептот на одговорност, споделувајќи примери од секојдневниот живот и пишувајќи ги своите лични одговорности на лепливи ливчиња.

Визуелна и музичка презентација го истакна влијанието на одговорноста во ситуации од реалниот живот.

Учениците размислуваа за сопствените одговорности, креираа листи на одговорности и споделуваа размислувања во парови.

ПОПЛАДНЕ (13:00-16:00):

Учениците формираа групи и изведоа кратки скечеви демонстрирајќи одговорно и неодговорно однесување.

Врз основа на нивните скечеви, групите креираа стрипови што го илустрираа концептот на одговорност.

Денот заврши со завршна рефлексија, каде што учесниците ги презентираа своите креативни резултати и споделија лични сознанија.

СРЕДА, 21 МАЈ 2025

ДЕН 3: Симболизам и градење тим (21.05.2025)ПРЕТПЛАДНЕ (9:00-12:00):

Стекнати знаења од ЕдуЛаб вебинар “Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси” – СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје	Унапредување на стручната и едукативната дејност	17.12.2024	Презентација, предавање, прашања и одговори	Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, справување со одредени состојби
Едукација за Прв Стандардизиран Психолошки тест за детска популација: Тест на поврзување на точки	Унапредување на стручната и едукативната дејност	23.02.2025 и 25.02.2025	Презентација, предавање, дискусија, едукација за користење на тестот	Развој на стручното искуство, стекнување со знаења корисни за практичната дејност во училиштето, можности за примена на тестот на ученици

Психолог
Габриела Јакимовска

Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор за учебната 2024/2025

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја.

1. Работа со ученици

- Идентификација на ученици со попреченост и прижање соодветна поддршка, опсервација, разговор, изготвени планови, насоки, препораки за поддршка на учениците во учењето
- Процена на индивидуалните потенцијали на учениците, дефектолошка дијагностика на ученици со попреченост, проценување на индивидуалните способности и потенцијали
- Изработка на програма за општа подршка за учениците со потешкотии во совладување на наставната програма
- Изработка на долгорочнен ИОП за учениците со ПОП, јасно определени јаки и слаби страни на учениците
- Подобрување на психомоторните способности на учениците со ПОП и подобар успех во усвојување на наставните содржини преку индивидуална работа со учениците со попреченост и потешкотии во учењето (вежби за реедукација на психомоторика, вежби за говорно-јазична оспособеност, вежби за подобрување на фина моторика, вежби за внимание и концентрација, вежби за подобрување на когнитивните способности, вежби за подобрување на перцепција, меморија, мислење, помнење)
- Вклопеност на учениците со попреченост во наставата, успешно совладување на целите на наставата
- Следење на напредокот и постигнувањата на учениците со попреченост

2. Работа со наставници

- Советодавно – консултативна работа со наставниците за изработка на средночни ИОП и за учениците со ПОП,
- Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на соодветни форми, методи и техники на работа со учениците со ПОП
- Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци
- Запознавање и примена на специфичните методи на работа со учениците со попреченост, Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето и пополнување на потребните обрасци
-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценувањето на учениците со ПОП.

3. Работа со родители

-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми.

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето, начини и методи на учење и повторување на стекнатите знаења
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби, постојана комуникација и подршка на родителите
Работилници со родители

4. Соработка со заедницата

- Соработка со основните училишта од о.Гази Баба и пошироко, Размена на сознанија и информации значајни за работата
- Соработка со ОУРЦ Иднина во насока за обезбедување на континуирана поддршка и помош на учениците со ПОП и нивните родителите
-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;

5. Професионален развој и професионална соработка

- Изготвување личен план за професионален развој
- Учество во размена на искуства преку активно учество на Координативни средби на општинските основни училишта од страна на ОУРЦ Иднина
- Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
- Учество на онлај работилници;
- Учество на обуки и семинари
- Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;

-Помош и поддршка на наставнците за реализација на процесот на инклузија.

6. Аналитичко-истражувачка работа

- Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава
- Увид и анализа во долгорочниот, среднорочниот и краткорочниот ИОП
- Учество во изготвување годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето.
- Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава
- Изготвување на полугодишен / годишен извештај за работата на училиштето

7. Училишна структура, организација и клима

- Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/24г.
- Учество во изработка на годишна програма за училишен инклузивен тим;-

Планирање и програмирање на сопствената работа

- Координација на изработката на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП
- Учество во изготвување програма за работа на училишниот инклузивен тим во својство на координатор

- Следење и вреднување на наставниот процес-посета на часови во паралелки каде има ученик со ПОП

8.Сопствена евиденција и документација

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;

-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини

- Водење хронолошки дневник за работа

- Водење на дефектолошко досие и извештаи одиндивидуалната работа со учениците со ПОП

- Водење евиденција од индивидуалната работа со учениците со потешкотии во наставниот процес

-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

Специјален едукатор и рехабилитатор
Ивона Величковска

Извештај за работа на училишен инклузивен тим

Задачи и цел	**Креирање на политика за работа со ПОП**	**Евиденција на учениците со попреченост**	**Идентификација и превенција на специфичните пречки во развојот на учениците**
Активности	- Формирање на тим за инклузија на учениците со ПОП - Изготвување на годишна програма за работа на тимот - Избор на стратегии за успешна едукација на учениците со ПОП	- Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка - Разгледување на мислењата и наодите од ЗМЗ и од МКФ	- Примена на инструменти за опсервација и дијагностика - Примена на специјализирани методи за проценка на целокупниот развој на учениците
Време на реализација	Август	Октомври	Септември - Октомври
Реализатор	Членови на училишниот инклузивен тим	Членови на училишниот инклузивен тим	Специјален едукатор и рехабилитатор - Психолог
Ресурси	Водич за работа на училишниот	Релевантни податоци потребни	Чек листи Листа за опсервација

	инклузивен тим	за работа на училишниот инклузивен тим	Прашалници Тестови за проценка
Очекувани резултати, исходи и ефекти	Успешна реализација на планираните активности	Изготвена база на податоци за ученици со ПОП	Навремено и прецизно детектирање на потешкотиите на учениците Намалување на потешкотиите на учениците и нивна успешна инклузија

Задачи и цел	**Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини на учениците Градење на стратегии за учење преку индивидуален и диференциран пристап**	**Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со попреченост**	**Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со ПОП, како и мотивација на учениците**
Активности	- Изработка на индивидуални образовни планови (долгорочни, среднорочни) за учениците си ПОП - Примена на диференциран пристап во работата	- Вежби за поттикнување на психомоторниот развој - Помош при совладување на наставни содржини преку индивид. работа	Разговори со учениците на одд.часови Разговори со родителите на индивидуални средби
Време на реализација	Октомври	Во текот на годината	Во текот на годината
Реализатор	Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници	Специјален едукатор и рехабилитатор	Специјален едукатор и рехабилитатор, УИТ
Ресурси	Модели на ИОП аналитички листови стручна литература	-Долгорочен и среднорочен ИОП - Специјализирани дидактички матријали и наставни листови	Развиено чувство на самодоверба, самопочитување и социјални вештини кај учениците со ПОП
Очекувани резултати, исходи и ефекти	Успешна реализација на наставната програма со сите ученици Повисоки постигања на учениците	Реализација на поставените цели во ИОП Подобрување на целосниот развој на учениците	Вклученост на родителите во образовниот процес Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно-образовниот процес
Форма на реализација	Тимска работа на УИТ	Индивидуална работа	Тимска работа на УИТ

Задачи и цел	**Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигнувањата на учениците со ПОП**	**Следење на индивидуалните постигнувања на учениците со ПОП после секој квалификационен период**
Активности	Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со ПОП согласно прилагодениот ИОП	Ревизија и дополнување на ИОП Користење на инструменти за следење
Време на реализација	Во текот на годината	Во текот на годината
Реализатор	Наставници Специјален едукатор	Училишен инклузивен тим
Ресурси	Индивидуални инструмени, алатки, тестови	Индивидуални инструмени, алатки, тестови
Очекувани резултати, исходи и ефекти	Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици	Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП
Форма на реализација	Тимска работа на Училишниот инклузивен тим	Тимска работа на Училишниот инклузивен тим

Задачи и цел	Јакнење на капацитетите на наставниците за потребите на учениците со ПОП и за избор и употреба на специфични методи на работа	Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето
Активности	Спроведување на интерни обуки на наставниците за работа со учениците со ПОП	- Следење на инклузираноста на учениците со ПОП во образовниот процес - Разговор со наставници, родители и ученици
Време на реализација	Во текот на годината	Во текот на годината
Реализатор	Училишен инклузивен тим	Специјален едукатор
Ресурси	Материјали, планирања на наставниците консултации размена на искуства	- Инструменти од посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП
Очекувани резултати, исходи и ефекти	Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП	Училиште препознатливо по успешната инклузивна култура и пракса Успешна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата со ученици со ПОП
Форма на реализација	Тимска работа на Училишниот инклузивен тим	Тимска работа на Училишниот инклузивен тим

Училишен инклузивен тим

Годишен извештај за работата на педагогот за учебната 2024/2025

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот, од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

1. Работа со ученици

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Одржување работилници на тема на врсничко насилство и булинг, ментално здравје техники за учење подршка на учениците.

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Давање помош и поддршка во вклучување на учениците во учество во различни проекти и активности

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на инклузивниот тим

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент

-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците

2. Работа со наставници

-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес

-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник-родител

-Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања.

-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење

-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови

-Присуство на нагледни часови

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница, во соработка со одговорните наставници

-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација

-Дисеминација на обуки со наставничкиот кадар за ментално здравје
-Стручна помош при изготвување на програми за воннаставни активности и учество во организација и реализација на дел од воннаставните активности

3. Работа со родители

-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби
-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми

4. Соработка со заедницата

-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на СРМакедонија...)
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

5. Професионален развој и професионална соработка

-Изготвување личен план за професионален развој
-Учество во размена на искуства преку активно учество во Здружението на педагози на основни училишта на град Скопје “Гласот на педагогот”
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература
-Учество на онлај работилници;
-Учество на обуки и семинари
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес
Обука “Превенција на насилство меѓу децата во училиштата и остварување на соработка и комуникација со полицијата и другите надлежни служби
Презентација на резултати од истражувачки проект “Разбирање на влијанието и вредноста на проектните активности за превенција и справување со насилен екстремизам (П/СНЕ) спроведени во училишен контекст во РСМ”
Обука “Справување со меѓуврснички насилство во училиштата
Промоција на онлајн алатка за превенција и спречување на насилен екстремизам

6. Аналитичко-истражувачка работа

-Помош при изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на учебната година.

-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава
- Изготвување на полугодишен / годишен извештај за работата на училиштето

7. Училишна структура, организација и клима

-Следење на работата од проектите“ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и “Меѓуетничка интеграција во образованието“
-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар
-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)
-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности
-Следење на постапките на оценување на учениците
-Следење на успехот и редовноста на учениците
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

8.Сопствена евиденција и документација

-Изготвена годишна програма за сопствената работа;
-Изготвување месечни оперативни планови за работа со конкретизирани активности и содржини
-Водење хронолошки дневник за работа
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница
-Водење педагошки картон за работата на наставниците
-Водење професионално досие на наставниците
-Документација од извршената аналитичко истражувачка работа

Педагог:
Марина Миткова

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА- МЕДИЈАТЕКА ВО УЧЕБНА 2024/2025

Во текот на учебната 2024/2025год. беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за таа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварените поставените цели:
- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;
- Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења, да консултираат речници, енциклопедии, лексиконии и друг информативен материјал;
- Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;
- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;
- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд;
- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал;
- Редовно беше остварувана соработка со наставниците, стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

Време на реализација	Реализирани задачи и активности
АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ	1. Уредување на библиотеката. Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година. 2. Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН - потпечатување и делење на новодобиените учебници 3. Формирање на нова библиотекарска секција со ученици од 6 и 7 одделение. 4. Активности со учениците од библиотекарската секција 5. Уредување на инвентарна книга и подготовка за Електронска библиотека.

ОКТОМВРИ	1. Одбележување на празникот 11 Октомври 2. Одбележување на празникот 23 Октомври 3. Активности со учениците од библиотекарската секција. 4. Документација за акцијата со бесплатните учебници од МОН. 5. Инвентарна книга – библиотечна дејност, уредување. 6. Уредување на библ.пано со ученички творби по повод месецот на книгата
НОЕМВРИ	1. Одбележување на роденденот на нашата општина Гази Баба 2. Збогатување на книжниот фонд-нарачка на стручна литература (атласи,енциклопедии,глобус,хамери)од П.Дело 3. Посета на библиотеката од првачињата со нивните наставнички 4. Уредување и класификација на учебниците од акцијата на МОН – магацин. 5. Документација за библиотекарство и библиотечна дејност. 6. Активности со учениците од библиотекарската секција.
ДЕКЕМВРИ	1. Уредување на картотеката на членови во училишната библиотека. 2. Библиотекарска секција – часови по библиотекарство и креативни активности. 3. Посета на библиотеката од прво одделение со одделенската наставничка. 4. Одбележување на празникот Св.Климент Охридски 5.Изготвување на полугодишен извештај 6. Новогодишни активности со членовите од секцијата 7. Попис на библиотечниот фонд и отпис на оштетени и нецелосни книги.
ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ	1.Посета на учениците.на училишн.библиотека-разговор за задачите на библиотеката и библ.секција 2.Активности со учениците од библиотекарската секција

МАРТ	1. Развоен план за библиотеката – приоритети, можности за надополнување на книжниот фонд 2. Одбележување на празникот 8 Март-избор на најубава песна за мајката 3. Одбележување на доаѓањето на пролетта со ученички литературни и ликовни творби 4. Уредување на магацинот со учебници и пресметки за тековните електронски апликации и нарачка на бесплатните учебници од МОН. 5. Библиотекарска секција – часови за библиотекарството и учење на стандардните класификации.
АПРИЛ	1. Почеток на акцијата со бесплатните учебници од МОН. 2. Одбележување на светскиот ден на детската книга 2 Април-активности со првачињата 3. Донирање на лектирни изданија од ученици 4. Активности со ученици од 4 одд. 5. Награден литературен конкурс 6. Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека. 7.Активности со учениците од библиотекарската секција.
МАЈ	1. Спроведување на акцијата со бесплатните учебници од МОН. 2.Посета на САЕМОТ на книгата – список на книги за набавка во училишната библиотека. 3.Активности со учениците од библиотекарската секција 4.ИКТ- во класификацијата на книжниот фонд, стручна обработка и електронско внесување на книгите од училишната програма според стандардизирани правилници за библиотеки
ЈУНИ-ЈУЛИ	1. Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање, комисија за учебници, отпис на оштетени и плаќање на изгубените учебници. 2. Раздолжување на книгите од страна на членовите на училишната библиотека. 3. Доделување на дипломи и книги за најзаслужните ученици од училиштето

	4. Класификација на документација за библиотеки и библиотечно работење. 5. Уредување на библиотеката, чистење и заштита на книгите.

Библиотеката е подредена по азбучен ред,лектири по одд,странски и домашни автори,проза и поезија,белетристика и стручна литература

Библиотекарската секција се состануваше 1 до 2 пати неделно. Членовите учествуваа на конкурси, натпревари, организираа литературни читања, посетуваа саеми и др.библиотеки и помагаа околу грижата за книжниот фонд во библиотеката.

Библиотеката работеше според дадена годишна програма одобрена и заверена од директорот на училиштето.

Библиотекар: Златка Панчевска

Преглед на работата на директорот

Со својата работа директорот на училиштето настојува за што поквалитетна организација и реализација на сите подрачја во сите воспитно образовни работа во училиштето. Работата на директорот се одвива низ различни подрачја во работата и функционирањето на училиштето. Работата на директорот е заснована врз следниве принципи: научност, интегралност, реалност, современост, селективност, рационализација, конкретизација и развојност.

Содржинските подрачја за работа на директорот се поделени во следниве подрачја:

1. Административно-организациско подрачје
2. Педагошко-инструктивно подрачје
3. Раководење со училиштето
4. Соработка со средината

За реализација на планираните активности со годишната програма за работа на директорот се води уредна педагошка евиденција и документација.

1.Подрачје: Административно-организациски задачи

- Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;
- Изработка на задолженија и формирање на комисии и тимови;
- Организација и учество во изработка на нормативни акти;
- Организација на попис на имотот, изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;
- Организирање, реконструкција и адаптација на училишниот простор;
- Набавка на основни средства;
- Донесување мерки за доведување иновации во целокупната работа на училиштето;
- Набавка и тековно одржување на ИКТ опремата;
- Осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени;
- Следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето;
- Други прашања од организациска проблематика и маријално-финансиски активности.

Со почетокот на учебната година од страна на директорот беше изготвен оперативен наставен план во согласност со позитивните законски прописи. Врз основа на тој план наставниците добија задолженија по предмети и паралелки и ја реализираа воспитно-образовната дејност. Во текот на учебната година се наметна и потреба од формирање на комисии за разни активности: комисија за спроведување на попис , комисија за јавни набавки, комисија за преглед на педагошка евиденција и документација, тимови за изработка на планот за Самоевалуација на училиштето и други комисии и тимови.

За непречено отпочнување на учебната година, навремено беа извршени подготовки, со цел да се задоволат потребите за организација на

наставата. Во трите училишни објекти беа целосно реорганизирани во начинот на работа и функционирање согласно протоколите и куќниот ред во училиштето. Во училиштето во с. Булачани пуштена е во употреба училишната спортска сала и набавени се плакари, шкафчиња и биро за наставниците за во соблекувалните и наставничката канцеларија во училишната спортска сала, набавена е професионална машина за чистење на подови, клима уред за во канцеларијата на стручната служба. Набавени се 15 персонални компјутери, 5 проектори за во училиштата во с. Булачани и с. Црешево и 2 мултифунлционални принтери за потребите на наставата. Заменети се светлосни арматури со лед светла во училиштето во с. Булачани заради заштеда на електрична енергија и зголемување на светлината во училиштето. Поплочен е влезот на училишната спортска сала со павер елементи. Обезбедена е донација на новогодишни пакетчиња за учениците од прво до шесто одделение. Поставен е камен темелник на училишна спортска сала во подрачното училиште во с. Црешево. Целосно молерисани се сите три училишни згради. Поставена е хидрантска мрежа во училиштето во с. Црешево. Набавени се ПП Апарати за сите три училишни згради. Извршени се обуки кај дел од вработените за ракување со ППР апарати и кај учениците од 9то одделение и за Безбедност и обуки за безбедност и заштита при работа. Направени се ППЗ елаборати за сите три училишни згради и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, Проценка на загрозеност од природни несреќи и Правилник за заштита од пожари и експлозии за објектот на Училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани и за истите е побарано Мислење од ПЗС Гази Баба. Проширено и поставено со вештачка трева игралиштето во училишниот двор во с. Црешево. Набавени се лектирни изданија, киниги и стручна литература за потребите на наставата.

Сите овие обновувања и набавки придонесоа за непречено одвивање на учебната година во сосема сменети и оплеменети услови.

Во сите три училишни објекти беа превземени активности околу санација и подобрување на материјалните услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.

2.Педагошко-инструктивно подрачје

- Изработка на Годишна програма за работа на училиштето,
- Изработка на Програма за работа на директорот,
- Изработка на Годишна програма за работа на наставничкиот совет,
- Изработка на Годишна програма за работа на одделенскиот совет,
- Планирање и програмирање на увидите на редовната, дополнителната, додатната и изборната настава,
- Координирање и следење на работата при изготвување и реализација на распоредот на часови,
- Изработка на календар за работа на училиштето,
- Изготвување на проекти за санирање на приоритетни проблеми,
- Изготвување на План за професионален развој на наставниците,
- Учество во изработка на Програма за екскурзии,
- Планирање и следење на реализација на самоевалуацијата на училиштето,

- Давање насоки за спроведување активнисти за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците и кадарот во училиштето;
- Превземање на мерки за подобрување на процесот за безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето;
- Учество на состаноци, советувања и семинари за директори.

Проектот Интеграција на еколошката едукација во воспитно – образовниот систем е имплементиран во наставата согласно барањата на истиот. Исто така се работеше на имплементирање на содржини од проектот Меѓуетничка интеграција во Македонскиот образовен систем. Одржаните часови во рамките на овие проекти беа посетени од страна на директорот,психологот и педагогот на училиштето со задолжително ажурирање на соодветната документација за тоа.

Како и секоја нова учебна година има нов наставен кадар на кого му е неопходна стручна помош и насоки во работата. За таа цел беше назначен наставник-ментор на наставниците - приправници. Работата на менторите со наставниците – приправници се одвива во континуитет и истата е перманентно следена од страна на директорот и по потреба дадени се одредени препораки и сугестии од страна на директорот.

Во текот на оваа учебна година остварена е посета на часови на сите предметни и одделенски наставници. Со наставниците се водеше дискусија за унапредување на воспитно образовната работа и воведување на новитети. При посетите се користеше инструмент за следење на работата на наставниците.

Како една од посеопфатните и покомплицираните подрачја на работата следењето на воспитно-образовната работа и оваа учебна година се изведуваше континуирано од самиот почеток на учебната година низ:
- Следење на планирањата и подготовката на наставниците и стручниот соработник (следење на годишните, тематските и дневните планирања)
- Следење на работата на стручната служба, следење на работата на секретарот, хаусмајсторот, сметководителот, техничкиот персонал;
- Планирање и подготовка на наставниците за реализација на настава;
- Посета на наставни часови;
- Следење, проверување и вреднување на успехот на учениците по класификациони периоди;
- Водење на соодветна евиденција и документација (протокали, евиденциони листови, анкетни листови);
- Следење на процесот на стручно усовршување на кадарот (присуство на вебинари, семинари, вршење дисеминации, работилници по активи и сл);
- Учество во изработка на програмата за Меѓуетничка интеграција на образованието,,.
- Учество во изработка на програмата за ОХО проектот ;
- Учество во планирањата за проектот„Училишни градини – училница од иднината“;
- Учество во работата на ученичкиот парламент;
- Водење професионално досие за психологот и педагогот на училиштето;
- Учество во водење на педагошки картон на наставниците;

- Укажување инструкции и континуирано следење на електронскиот дневник и ЕМИС во училиштето;
- Континуирано следење на електронскиот дневник, главните книги и целокупната педагошка документација.

3. Подрачје: Раководење со училиштето
- Застапување и претставување на училиштето,
- Спроведување на одлуките на органите на училиштетето,
- Следење и спроведување на плановите и програмите на наставниот кадар и стручниот соработник,
- Воведување на нова технологија и новитети,
- Организација, вреднување и надзор на работата на наставниот кадар,
- Следење на примена на ИКТ во наставата.

Реализација на проекти
Во текот на оваа учебна година во училиштето се реализираа следниве проекти:
- Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем,
- Меѓуетничка интеграција во образовниот систем.
- Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта
- „Училишни градини – училница од иднината“
- Градиме заедничка иднина – Проект на МИО во Општина Гази Баба.

4. Подрачје: Соработка со средината
Во текот на оваа учебна година остварени се повеќе средби со родителите на различни нивоа поединечни, групни и колективни. Средбите се остваруваа по иницијатива на родителите, оделенските раководители и на директорот. Беше зголемена и соработката со Советот на родители. Директорот учествуваше на сите седници на Советот на родители на кои зеднички беа решавани одредени проблеми како и успешно беа спроведени повеќе акции во кои беше вклучен и директорот. Овој начин на соработка ќе продолжи и понатаму.
Завидна е соработката на директорот и со локалната самоуправа, МОН, БРО, невладини, владини, културни и други институции. Како резултат на соработката со средината произлезени се бројни акции, предавања, натпревари, забавни игри во интерес на подобрување на работата на училиштето и надградување на личноста на ученикот во различни свери.
Училишниот одбор како орган на управување ги планираше и закажуваше своите седници со дневен ред кој произлегуваше од од потребите на училиштето. Одлуките беа донесувани согласно законите. Директорот беше присутен на сите седници на УО.
Соработката со други воспитно – образовни институции надвор од училиштето се одвиваше во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи.

Вклученост на семејствата во училиштето

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта. Тргнувајќи од заедничките интереси на училиштето и родителите, училиштето им овозможува на родителите да се организираат и да дадат свој придонес во:

- Согледување на вистинските потреби, состојби и проблеми во училиштето.
- Преку доброволно (волонтерско) ангажирање да се вклучат во реализација на различни училишни активности во следните подрачја од работата на училиштето: настава, воннаставни активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната заедница и да дадат свој придонес според нивните можности, способности и интереси
- Да им помагаат на наставниците во работата со учениците во училиницата и училиштето
- Да организираат и да даваат поддршка на различни училишни акции, манифестации, училишни презентации, кампањи и сл.
- Активно да учествуваат во решавањето на различни проблеми во училиштето
- Да учествуваат во донесување на важни одлуки во училиштето.

Активности на Училишниот одбор

Училишниот одбор при ООУ,,Наум Охридски,, с. Булачани го сочинуваат седум члена: претставници од Наставнички совет се три члена, претставници од совет на родители се три члена и еден претставник од Локална самоуправа.

Училишниот одбор во текот на учебната година се состануваше според потребите или барањата на училиштето. На состаноците редовно присуствуваа членовите каде отворено дискутираа по дадени прашања давајќи свои предлози и мислења. Состаноците на Училишнопт одбор се одржуваа со физичко присуство во училиштата во с. Булачани и ПООУ с. Црешево.

Реден број	Содржина на седницата-Дневен ред	Време на одржување
1.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Донесување Одлука за издавање на простор по закуп; • Донесување Одлука за формирање на Комисија за издавање деловен простор под закуп; • Одлука за утврдување на висината на закупнината за користење на објектите во сопственост на Училиштето; • Донесување Одлука за назначување на раководител во ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево; • Донесување Одлука за Комисија за разгледување на понуди за јавни набавки за ужинка за учениците за учебната 2024/2025 година; • Донесување Одлука за подршка на вработените за	29.08 2024

	посета на семинари и други форми на професионално унапредување на компетенциите; • Предлози и прашања.	
2.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Донесување Одлука за одобрување на Програмата за организирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците; • Донесување Одлука за распишување Оглас за организирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците; • Донесување Одлука за Комисија за прибирање на понуди на изведување на ученички екскурзи и излети; • Одлука за избор на членови за во комисија за разгледување на документи за осигурување на учениците; • Информација за работа по проширена програма за учениците од I-III одделение; • Информација за ужинка; • Запознавање на родителите со Протоколот за одвивање на воспитно- образовниот процес во услови на топлотен бран во РСМ; • Предлози и прашања.	06. 09.2024
3.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Верификација на преставници од Ученичкиот парламент за во Училишен одбор; • Донесување Одлука за избор на најповолна понуда за изведување еднодневни, дводневни,тродневни екскурзии и еднодневни излети и настава во природа за учебната 2024/2025 година; • Давање одобрување за изведување на тридневната научна екскурзија и еднодневен есенски излет; • Предлози и прашања	20.09.2024
4.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на еднодневен есенски излет со учениците од прво до девето одделение со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Донесување Одлука за посета на Директорот на училиштето Елизабета Андова на Обука за современи директори на училишта Модул 3 – Франфкфурт, Германија; • Известување за осигурување на учениците; • Предлози и прашања;	07.10.2024

5.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на тродневна научна екскурзија со учениците од девето одделение со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Одлука за распишување на јавен оглас за разгледување понуди за осигурување на основни средтсва(градежен дел и опрема); • Донесување Одлука за формирање комисија за разгледување понуди за осигурување на основни средтсва(градежен дел и опрема); • Известување за одобрен Еразмос Проект; • Предлози и Прашања.	14.10.2024
6.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница Училишниот одбор; • Разгледување на Извештајот со анализата на успехот и поведението на учениците од првиот квартал од учебната 2024/2025 година; • Донесување Одлука за вршење редовен годишен попис за 2024 година ; • Донесување План за начинот и текот на извршување на годишениот попис за 2024; • Донесување Одлука за Касов максимум за 2025; • Донесување Одлука за користење сопствено возило за службени цели и покривање на патни трошоци за службени цели со друг тип на превоз на било кој вработен во училиштето; • Донесување Одлука за паричен надомест на одговорно лице за спроведување на јавни набавки во училиштето; • Информации за спроведени активности во рамки на Проектитите кои се реализираат во училиштето; • Известување за свечено отворање на училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани; • Информација за спроведени активности во училиштето; • Предлози и прашања	20.11.2024
7.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница; • Мислење од Училишен одбор за избор на наставен кадар на определо работно време-старо финансирање и определено работно време-ново финансирање за учебната 2024/2025 година до 31.08.2025 година. • Одлука за одобрување финансиски средства за користење службени телефони за тековната 2025 година • Предлози и прашања.	03.12.2024
8.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Разгледување на Полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2024/2025 година • Известување за средства со кои ќе располага училиштето во 2025 година; • Донесување Одлука за Усвојување на планот за јавни набавки за 2025 година; • Донесување Одлука за објавување на јавен оглас за	29.01.2025

	сликање на сите ученици и алманах за учениците од IX одделение; • Донесување Одлука за формирање комисија за разгледување на понуди за сликање на сите ученици и алманах за учениците од IX одделение; • Донсување Одлука за Правилникот за начинот и критериумите за организирање и изведување на училишни натпревари; • Донсување Одлука за финансиска подршка на ученците за учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво во интерес на училиштето; • Запознавање со препораки и насоки за безбедно користење на дигитални платформи од страна на учениците; • Активности превземени во училиштето; • Предлози и прашања.	
9.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Извештај од изработен попис на средствата и изворите за 2024 година; • Донесување Одлука за прифаќање предлог за отпис на основни средства изработен од страна на Централната пописна комисија по спроведениот редовен годишен попис за 2024 година; • Предлози и прашања.	06.02.2025
10.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница; • Донесување Одлука за верификација на нов член-преставник од општина Гази Баба за во училшен одбор на ООУ ,,Наум Охридски,, с. Булачани; • Извештај од приходи и расходи на жиро – сметките 777010396478710, 777010396490314 за 2024 година; • Запознавање со препораките за користење на мобилни телефони, паметни часовници, и останати уреди за електронска комуникација и достапност до сцијалните мрежи за учениците на основните училишта на подрачјето на општина Гази Баба; • Информација за спроведените активности во училиштето; • Предлози и прашања.	26.02.2025
11.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница на Училишниот одбор; • Известување за прераспределба на одделенски раководства во оделенска настава; • Донесување на Одлука за Правилник и Процедура за употреба на мобилни телефони при ООУ,, Наум Охридски,,; • Известување за патување во Невшихир Турција преку Еразмос проект; • Известување за пробното тестирање во рамките на меѓународната студија ПИРЛС 2026; • Предлози и прашања.	04.03.2025

12.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница; • Рзгледување на Квартален Извештај од третото тримесечие за учебната 2024/2025 година; • Известување од комисијата за прибирање понуди за сликање на учениците од I до IX одделение и алманах за учениците од IX одделение; • Донесување Одлука за одобрување на еднодневна екскурзија, дводневна екскурзија, настава во природа и еднодневен пролетен излет; • Донесување Одлука за користење на стари учебници; • Донесување на Одлука за формирање Комисија за користење на стари учебници,прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во основно училиште; • Донесување на Одлука за усвојување на формиран Тим за пофалби и награди; • Информација за мѓународното тестирање ПИРЛС: • Додовор за Велигденски базар; • Информација за спроведените активности во училиштето; • Предлози и прашања.	10.04.2025
13.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница; • Мислење на Училишниот одбор за избор на наставен кадар-два одделенски наставници на определено работно време-старо финанирање за учебната 2024/2025 година до 31.08.2025 година; • Предлози и прашања.	14.04.2025
14.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на Настава во природа со учениците од пето одделение со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Известување за спроведениот Велигденски базар; • Предлози и Прашања.	30.04.2025
15.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Извештај од од спроведени активности од ЕРАЗМУС+Проект ,, Растеме заедно,, ; • Донесување Одлука за висина на наградата за ученик на генерација и ученици со одличен и континуиран одличен успех за учениците од IX одделение;	12.05.2025

	• Спроведени активности во училиштето; • Предлози и Прашања.	
16.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на Еднодневна екскурзија во Кавадарци со учениците од трето одделение со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Донесување Одлука за формирање стручен тим за изготвување Програма за екскурзии и други слободни активности во училиштето за учебната 2025/2026 година; • Информација за донесена Одлука за избор на Првенец на генерација за 2016-2025; • Информација од спроведен државен натпревар по биологија; • Информација за општински атлетски натпревар; • Предлози и Прашања.	05.06.2025
17.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Усвојување на извештајот од Стручниот тим од реализација на еднодневен пролетен излет со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Предлози и Прашања.	10.06.2025
18.	• Читање и усвојување на записникот од предходната седница; • Донесување Одлука за прифаќање на комисија за изработка на Годишната програмата за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година; • Известување за најдобро одделение за учебната 2024/2025 година; • Информација од спроведена анкета за изборни предмети во IX одделение; • Извештај за запишани првачиња за учебната 2025/2026 година; • Предлози и Прашања.	18.06.2025

19.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Донесување Одлука за усвојување на Предлог Годишен извештај за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година; • Донесување Одлука за наставник кој ќе го изготвува распоредот за учебната 2025/2026 година и определување на парични средства за изработка на истиот; • Донесување одлука на Предлог финансов план; • Извештај од работата на Училишниот одбор во учебната 2024/2025 година; • Информација за изработка на Годишна програма на Училишниот одбор; • Информации за превземени активности во училиштето; • Предлози и Прашања.	30.06.2025

Претседател на Училишен одбор - Сања Петрушевска

Активности на Советот на родители

Советот на родители во во текот на учебната 2024/2025 година се состануваше според потребите или барањата на училиштето. На состаноците редовно присуствуваа членовите на Советот на родители каде отворено дискутираа по дадени прашања давајќи свои предлози и мислења. Состаноците на Советот на родители се одржуваа со физичко присуство во училиштата во с. Булачани и ПООУ с. Црешево.

Реден број	Содржина на седницата-Дневен ред	Време на одржување
1.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Известување за назначување на раководител во ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево; • Избор на членови за во Комисија за разгледување на понуди за јавни набавки за ужинка за учениците за учебната 2024/2025 година; • Предлози и прашања.	22.08.2024
2.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Коптирање на нови членови во Советот на родители; • Избор на Записничар на Совет на родители; • Избор на членови за во комисија за прибирање на	06.09.2024

	понуди за изведување на ученички екскурзии и излети; • Избор на членови за во комисија за разгледување на документи за осигурување на учениците; • Давање мислење за за изведување на тридневна научна екскурзија и еднодневен есенски излет; • Информација за ужинка; • Информација за добиените учебници; • Информации за користење дополнителна литература; • Информација за работа по проширена програма за учениците од I-III одделение; • Запознавање на родителите со Протоколот за одвивање на воспитно- образовниот процес во услови на топлотен бран во РСМ. • Предлози и прашања	
3.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница; • Верификација на преставници од Ученичкиот парламент за во Совет на родители; • Разгледување на извештајот од Стручниот тим од реализација на еднодневен есенски излет со оценка за квалитетот на дадените услуги; • Разгледување на извештајот од Стручниот тим од спроведената тридневна научна екскурзија со учениците од девето одделение со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги; • Информација за осигурување на учениците; • Известување за одобрен Еразмос Проект; • Информација за спроведени активности во училиштето; • Предлози и прашања.	14.10.2024
4.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Разгледување на успехот и поведението на учениците во првата половина од првото полугодие од учебната 2024/2025 година; • Информации за спроведени активности во рамки на Проектитите кои се реализираат во училиштето; • Известување за свечено отворање на училишната спортска сала во училиштето во с. Булачани; • Информации за спроведени активности во училиштето; • Предлози и прашања.	20.11.2024
5.	• Читање и усвојување на Записникот од претходната седница; • Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2024/2025г; • Делегирање на членови од Советот на родители за во комисијата за разгледување на понуди за сликање на сите ученици и изработка на алманах за учениците од IX одделение;	29.01.2025

	• Известување за средствата со кои ќе располага училиштето во 2025 година; • Запознавање со Планот за јавни набавки за 2025 година; • Запознавање со препораки и насоки за безбедно користење на дигитални платформи од страна на учениците; • Информации за спроведени активности во училиштето; • Предлози и прашања.	
6.	• Читање и усвојување на записникот од претходната седница; • Разгледување на Правилник за употреба на мобилни телефони при ООУ,, Наум Охридски,,; • Разгледување на Процедура за употреба на мобилни телефони при ООУ,, Наум Охридски,,; • Известување за патување во Невшихир Турција преку Еразмос проект; • Известување за пробното тестирање во рамките на меѓународната студија ПИРЛС 2026; • Предлози и прашања	04.03.2025
🥈 2 место: Дамјан Лалевски 3а и Виктор Јовчевски 2а - робот;

🥉 3 место: Лена Велковска 2а - полжав и Ведран Тодоровски 2а - трансформер.

Честитки до победниците!

➢ Нашето училиште со гордост го одбележа Светскиот ден на свесност за аутизмот, со цел да поттикнеме разбирање, прифаќање и поддршка за лицата со аутизам.

Преку едукативни активности, креативни работилници и разговори, ги учиме учениците на важноста на емпатијата и инклузијата.

Заедно градиме општество каде секој е прифатен и ценет!

➢ Денес, 02.04.2025 год. се одиграа финалните зонски натпревари во спортската сала ,,Гоце Делчев" - Илинден.

Нашето училиште го играше финалниот натпревар во Футсал против ООУ ,,Браќа Миладиновци" Илинден, каде забележи победа со резултат 1:4 и се пласира на регионален натпревар.

Честитки до учениците и до одговорниот наставник Елеонора Пешевска.

➢ Учениците од нашето училиште учествуваа на натпреварот по Прва помош организиран од Црвен крст на град Скопје/City Red Cross of Skopje.

Со покажано знаење, вештини и тимска работа, тие успешно се справија со сите предизвици и го освоија 4. место.

Горди сме на нивниот труд и посветеност, како и на хуманите вредности кои ги промовираат преку оваа активност. Честитки за нашиот тим!

➢ Во духот на грижата за животната средина, денес во училишниот двор засадивме дрво чинар – донација од Општина Гази Баба. Чинарот, како македонско природно богатство, е симбол на долговечност, стабилност и убавина. Со својата широка сенка и величествен изглед, ќе внесе свежина во дворот и ќе биде сведок на многу идни генерации.

Благодарност до општината за поддршката и заедничката заложба за позелено и поубаво училиште.

Нека расте со нас и нашите генерации!

➢ Во периодот од 22 до 26 април, нашите петтоодделенци поминаа пет незаборавни дена истражувајќи ја убавината на западна Македонија! Посетени беа Вруток, Маврово, Манастирот „Свети Јован Бигорски“, Вевчани, Охрид, Струга и Крушево.

Деновите беа исполнети со дружење, прошетки, спортски активности и нови знаења. Учениците уживаа во секој момент, создавајќи спомени кои ќе ги паметат засекогаш.

Благодарност до наставничките Ивана Анѓелевски и Зорица Наунова за посветеноста и одличната организација!

➢ На 22 и 23 април 2025 година, нашите ученици реализираа дводневна екскурзија низ Источна Македонија.

Посетени беа Кокино, Кратово, Лесново, Струмица, Дојран и Стоби.

Екскурзијата беше исполнета со едукативни посети, прошетки, забава и дружење.

Учениците стекнаа нови знаења за природните убавини, културното наследство и начинот на живеење во различни краишта на нашата земја.

Голема благодарност до наставничките Весна Рабан и Зорица Стевковска за одличната организација

➢ По повод 1 Мај – Денот на трудот, учениците и наставниците организираа весел пикник во училишниот двор. Со насмевки, музика и разни спортски активности денот помина во дружење и забава на отворено.

Учениците донесоа храна од дома и ја споделија со другарите, а наставниците се приклучија во игрите и разговорите.

➢ 5 Мај, го одбележуваме Денот на македонскиот јазик – симбол на нашиот идентитет, култура и традиција. Во нашето училиште, овој ден го славиме со различни активности: читање цитати од македонски писатели, рецитирање песни и креативни работилници.

Преку овие настани го негуваме нашиот јазик и покажуваме колку е важно да го чуваме и користиме со љубов и почит.

„Јазикот е нашата најсилна тврдина – ако тој постои, постоиме и ние.“– Блаже Конески



➢ Во спортската сала на нашето училиште се одигра пријателски натпревар по одбојка помеѓу нашето училиште и ООУ Кочо Рацин - Петровец. Натпреварот помина во фер и спортски дух, а нашите ученици покажаа одлична игра, тимска работа и посветеност. Успеавме да извојуваме победа и да го заокружиме овој спортски настан со позитивна енергија и дружење. Честитки за двата тима за одличната игра!

Одговорен наставник: Елеонора Пешевска.

➢ Играме од ❤️за Алек - спортска активност за ученици од трето одделение која се одржа во ООУ Вера Јоцић.

На настанот учество земаа ученици од сите основни училишта од Општина Гази Баба.

Целта на оваа активност е подобрување на психомоторните вештини и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари. И нашите ученици земаа учество под раководство на Александар Илиевски.

➢ СПОРТСКИ ПОЛИГОН СО ООУ „КОЧО РАЦИН“ – ПЕТРОВЕЦ

Во духот на тимска работа и спортски дух, организиравме забавен и активен ден на спортски полигон во соработка со ООУ Кочо Рацин - Петровец! Учениците се натпреварувааа преку различни спортски предизвици, вежби и игри, каде што ја покажаа својата издржливост, упорност и фер-плеј.

Вистинска енергија, насмевки и дружење – затоа ги сакаме спортските денови!

➢ На 09.05 претставници од Здружението за советување, обука и заштита на животната средина го презентираа проектот "Здрава храна-здрави деца". Учениците од петто одделение го проширија своето знаење и научија нови работи за микроорганизми, бактерии, вируси и здрава храна.

➢ УСПЕШНО ОДРЖАНА ПЛАНИНАРСКАТА ТУРА „ПЕШАЧИМЕ ЗА МИР, СОЖИВОТ И ТОЛЕРАНЦИЈА“. На 12 мај 2025, нашите ученици од општина Гази Баба учествуваа во турата на Скопска Црна Гора – с. Раштак, во организација на ОУСГБ и „Грин спорт“.

Настанот помина во позитивна атмосфера, исполнет со енергија, заедништво и прекрасна дружба во природа. Учесниците – ученици од основните училишта на општината – дадоа прекрасен пример за активен живот и хуманите вредности што ги споделуваме.

➢ Учениците од III-а, III-б и III-в одделение заедно со своите наставници имаа незаборавен ден на екскурзија од воспитно-образовен карактер во Велес.

Екскурзијата се одржа на ден 19.05.2025.

Се посетија значајни културни и природни локалитети, учениците уживаа во дружење, прошетки и многу насмевки.

Ден исполнет со учење, забава и пријателство!

➢ Успешно реализиран спортски ден во ООУ „Кирил и Методиј“ – Стајковци!

На 20 мај 2025 година се одржаа две спортски активности кои ги собраа најдобрите млади натпреварувачи од нашите училишта:

- „Кошарката – моја игра“– спортска активност со ученици од V одделение;
- Општинско првенство во шах.

Нашето училиште гордо го претставуваа:

- Дамјан Лазевски – ученик во VI-б одделение
- Давор Ванев– ученик во V-б одделение

Со особена чест објавуваме дека Дамјан Лазевски го освои првото место! Честитки за двајцата ученици за покажаниот труд, вештини и спортски дух. Голема благодарност и до нивните наставници за поддршката и подготовките

➢ На 22.05.2025 година, нашите ученици од 4 одделение со гордост го претставуваа училиштето на спортската активност „Детска атлетика“, која се одржа во ООУ „Григор Прличев“ – Железара.

Настанот, организиран од Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба , обедини многу млади спортисти од општината со цел: дружење, спорт и многу насмевки!

Честитки за нашите ученици за одличното учество и спортскиот дух!

➢ Учениците од VI, VII и VIII одделение имаа прилика да учествуваат на презентација во организација на Воената академија. Презентацијата опфати три модула: заштита од пожари, земјотреси и поплави.

Преку интерактивни активности и едукативни сесии, учениците се стекнаа со важни знаења и вештини за превенција и правилно постапување во случај на природни непогоди.

Со вакви настани ги подготвуваме нашите најмлади да бидат безбедни и подготвени во секоја ситуација!

➢ Во периодот од 29.05- 01.06.2025 година претставници и ученици од нашето училиште беа во посета на Основното училиште „Његош“ -Котор.

7. Раководство, креирање на политика
7.1 Цели и креирање на училишна политика

Генерални цели на училишната политика се:

- Вклучување на сите учесници во воспитно- образовната работа во креирањето на училишни политики;
- Делегирање на задачи и одговорности на поединци, тимови, органи тела,
- Во ООУ „Његош“ работат голем број на тимови, комисии чија цел е унапредување на воспитно образовната работа.

7.1.1 Работа на стручни органи и тела

Орган на управување е Училишниот одбор, а го раководи директорот.

Директорот работи на развивање на тимската работа и ги делегира одговорностите на стручните органи и тела, комисии, работни групи и тимови.

7.1.2. Тимови, координативни тела и одбори кои работат во училиштето

Ред. број	Назив на тимот	Одговорен	Бр на член.
1.	Тим за самоевалуација	Анета Цветкова, директор Александра Донева, психолог Ивана Петровска, педагог Марија Стојановска - одделенски наставник Маја Кочиева- родител	5
2.	Тим за развојната програма на училиштето	Анета Цветкова, Директор; Александра Донева, психолог; Ивана Петровска, педагог Виолета Симоновска, одделенски наставник; Маја Јовевска, одделенски наставник; Катерина Ванева, одделенски наставник; Зорица Стевковска, предметен наставник; Сања Орчевска, предметен наставник; Мирјана Србиновска. предметен наставник; Ана Јовановска, родител; Маја Кочиева, родител	11
3.	Тим за следење, анализа и поддршка	Анета Цветкова, Директор Александра Донева	5

		Ивана Петровска Елена Јовановска Миливојевиќ Катерина Стефановска	
4.	Тим за работа со ученици со потешкотии во учењето	Анета Цветкова, Директор; Слаѓана Јовановска, едукатор-рехабилитатор Александра Донева психолог Маја Јовевска, одделенски наставник; Данијела Величковска, предметен наставник Габриела Савовска, родител Билјана Јошова, родител	7
5.	Тим за работа со надарени ученици	Александра Донева психолог Слаѓана Јовановска специјален едукатор-рехабилитатор Ивана Петровска, педагог Елена Јовановска Миливојевиќ Мирјана Србиновска Елеонора Пешевска Зорица Стевковска	7
6.	Ученички парламент	Весна Митровска Дошева, Александра Донева Ивана Петровска Флора Јусуфи	4
7.	Тим спасување од природни катастрофи	Стефани Илиевска Роберт Симоновски Горан Марковиќ	3
8.	Тим за противпожарна заштита и одржување	Стефани Илиевска Роберт Симоновски Горан Марковиќ	3
9.	Тим за естетско и функционално уредување	Анета Цветкова, директор Маја Јовевска, одделенски наставник Елеонора Пешевска, предметен наставник Ивана Анѓелевски, одделенски наставник Весна Рабан, предметен наставник	5
10.	Еко одбор	Виолета Симоновска	1
11.	Меѓуетнични интеграции –СИТ тим	Катерина Стефановска-координатор Анета Цветкова, директор Маја Јовевска, одделенски наставник; Ивана Петровска, педагод Флора Јусуфи, одделенски наставник Претседател на ученички парламет	7

		Ученички правобранител	
12.	Тим за професион. развој	Анета Цветкова, директор, Ивана Петровска Александра Донева Светлана Апостоловска Сузана Малинова Зорица Стевковска	6
13.	Тим за изработка на ГП за работа на ООУ	Анета Цветкова, директор Ивана Петровска, педагог Александра Донева, психолог Зорица Стевковска, предметен наставник Светлана Апостоловска , одделенски наставник Ученички правобранител	6

7.1.3 Водители на активности во училиштето

Ред. број	Назив на активноста	Одговорен
1.	Меѓуетнички интеграции во образованието	Катерина Стефановска
2.	Интеграција на еколошкото образование во македонскиот едукативен систем ОХО	Виолета Симоновска

7.1.4 Водители на стручни органи и тела во училиштето

Ред. број	Орган-тело	Одговорен
1.	Стручен актив на одделенска настава	Светлана Апостоловска
2.	Стручен актив за културно-хуманитарно и јазично подрачје	Зорица Стевковска
3.	Стручен актив за природно математичко и техничко подрачје	Сузана Малинова
4.	Наставнички совет	Ивана Доневска Лалевска, записничар
5.	Совет на родители	Марија Спасевска
6.	Училишен одбор	Марија Спасевска, претседател

7.2 Годишен извештај за работата на стручните соработници

Годишен извештај за работата на стручниот соработник- педагог

Содржина на работата	Време
1. Планирање, програмирање, организација на воспитно-образовната работа	**VIII-VII**
1.1 Изработка на Годишна програма за работа на училиштето	**VIII**
• Планирање на приоритети за учебната година • Планирање на сите сегменти од воспитно- образовната работа • Усогласување на Годишната програма со закон и нормативи, наставните планови и програми, Самоевалуацијата на училиштето и Планот за развој на ООУ • Учество во планирање на Еко и МИО активностите	
1.2 Координира активности при изработка на програми за различни сегменти од работата на училиштето	**VIII-VII**
• Давање насоки-упатства на носителите на активности за изработка на програмите • Насочување на носителите на активности за изработка на програмите кон приоритетите за учебната година • Усогласување на сегментите на Годишната програма со закон и нормативи, наставните планови и програми, Самоевалуацијата на училиштето и Планот за развој на ООУ • Помош во изработка на Годишни, тематско- процесни и дневни подготовки на наставниците- форми, методи на работа, планирање на оценувањето, примена на ИКТ • Формира групи и распределба на изборни предмети • Обука, помош и учество при изработка рефлексија на час и тема • Следи реализација на активностите • Дава помош за надминување на потешкотии • Увид во планирање на диференцирани стандарди и активности	
1.3 Унапредување на оценувањето	**VIII-VII**
• Планирање на приоритети и инструменти за вреднување • Следење на реализација на планираното • Увиди во инструменти за оценување на наставниците • Увиди во професионално досие • Анализа на квалитетот на наставничките портфолија	
1.4 Професионален развој на наставниците	**VIII-VII**
• Водење на евиденција за посетени семинари од наставниците • Внесување на податоци во професионално досие на наставникот • Планирање на приоритени обуки	
1.5 Самоевалуација и развојно планирање на училиштето	**IX-X**
• Учествува во реализирање на Планот за развој на ООУ по подрачја и индикатори за ООУ	
2. Педагошко-инструктивна работа со наставниците	**IX-VI**
2.1 Помага во дидактичко-методското конципирање на наставата-	**IX-VI**

избор на стратегии на поучување, форми и методи	
• Помага на наставниците во унапредување на планирањата • Помага во иновирање на наставата-активна настава, индивидуализирана настава • Со наставниците учествува во подигање на квалитетот на ученичките знаења и вештини–решавање на проблеми, примена во вежби, анализи, синтеза, евалуација • Помага во осмислување на активности за развој на мислењето • Помага на наставниците во примена на современите дидактичко-методски иновации • Дава помош на наставниците во организација и реализација на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности • Дава помош за оформување на рефлексија на час/тема • Анкети и нивна обработка • Помош во планирањата и реализацијата • Следење и увиди на реализацијата • Работи со наставници-приправници • Помага во водење на Професионално портфолио	**IX-VI**
2.2 Унапредување на наставата по математика и природните науки	
• Следи квалитет на планирања • Следи реализација на настава • Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците	
2.3 Примена на ИКТ во наставата	
• Следи квалитет на планирања и реализација на настава	
2.4 Унапредување на оценувањето	
• Следи квалитет на планирања • Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците • Следи квалитет на оценувањето • Помага во водење на проф. портфолио и води проф. досие за наставникот	
2.5 Соработува со одделенските раководители	
• Помош во изработката на планирања за часот на одделенскиот раководител- образование за животни вештини • Помага во решавање на проблеми на паралелката	
2.6 Реализација на проекти во кои учествува училиштето	
• Изработува инструменти за реализација на Самоевалуација • Спроведува самоевалуација по подрачја • Формулирање на нацрт заклучоци и Самоевалуација • Анализира постигнатост на цели од програма за развој на училиштето • Следење на активности • Прибирање и документирање на изработки • Учествува во планирање и реализација на активности за „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“ • Координира соработка помеѓу ученик- наставник- родител • Води активности на Ученичкиот Парламент • Прибира документи и води евиденција за реализирани активности	
2.7 Испитување на образовните потреби на учениците, родителите, ученички парламент, Советот на родители и локалната заедница	

• Соработува со одд. раковод на запознавање со способностите на учениците, семејна состојба и ученичкиот парламент • Помага во решавање на образовни, воспитни и развојни проблеми на учениците	
3. Работа со ученици	**IX-VI**
• Учество во испитувањето на зрелоста на учениците за поаѓање во прво одделение • Формира паралелки во прво одделение • Советување на ученици	**V, VI, VIII**
Прием и распоредување на: • Новозапишани ученици • Повторувачи и неоценети ученици • Групи за изборни предмети- анкета на У-Р, обработка, формирање групи • Помош во организација на изведување на класни испити	**IX- V**
3.1 Следење на развојот на учениците	
• Следење на социјализацијата и адаптацијата на учениците а. На првачињата и ново примени ученици б. По премин во втор циклус на образование	
3.2 Советодавна работа при разрешување на интелектуални, емоционални, семејни проблеми	
• Индивидуална советодавно- консултативна работа со учениците • Кои имаат неоправдани изостаноци • Кои покажуваат асоцијално или несоодветно однесување • Кои имаат здравствени или развојни потешкотии	
3.3 Работа со Ученички парламент и одделенските заедници	
3.4 Професионална ориентација	
• Планирање на активности • Разгледување на Конкурси за упис во средни училишта	**XI,** **IV, V**
3.5 Работа со ученици со развојни потреби	
• Ученици со потешкотии во учењето; • Изработка на програма за работа со ученици со потешкотии во учењето • Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето • Учествува во Училишен инклузивен тим • Изработка на програма за работа со надарени ученици • Евидентирање на надарени ученици • Учествува во училишен тим за работа со надарени ученици	**X-V**
3.6 Развојно следење на напредокот на учениците	
• Изготвување на инструменти за следење и вреднување • Креирање, примена и интерпретација на аспекти на воспитно - образовната работа • Го следи напредокот на учениците со кои е вршена советодавно-консултативна работа • Следи ре-вакцинации на учениците • Следи запишување на учениците во прво одделение • Следи и насочува ученици според интересите за изборни предмети	
4. Работа со родители	**IX-VI**
• Поддршка на родителите при вклучување во работата на училиштето	

• Педагошко-психолошка поддршка на родителите • Советување на родители • Едукација на родителите за меѓуетнички интеграции • Едукација на родителите со развојните карактеристики на детето • Вклучување на родителите во тековните проекти	
5. Аналитичко-истражувачка работа	**IX-VI**
• Самоевалуација –СеУ • Анализа на запишувањето во прво одделение • Анализа на квалитетот на оценувањето • Анализа на изостаноци • Анализа на успехот и поведението на учениците по квалификациони периоди • Презентација на истражувања пред стручни органи и тела	
6. Работа на стручни органи и тела во училиштето	**IX-VI**
• Изработка на насоки, упатства, презентации,протоколи • Известување за резултатите од анализи,прегледи, истражувања • Работа и координација на училишни тимови - тим за самоевалуација - тим за развојно планирање - тим за унапредување на оценувањето - тим за професионален развој - СИТ тим • Учество во работата на одделенските совети • Учество во работа на Ученички Парламент • Учество во работата на Наставничкиот совет • Помош и учество во работата на стручните активи • Помош и учество во работата на на Советот на родители • Конципирање и изработка на правилници за прашања од воспитно-образовната работа	
7.Соработка со стручни институции	**IX-VI**
• Соработка со општествени,стручни институции, невладини организации • Соработка со институции од локалната заедница, основни училишта • Соработка со здравствени установи и центри, основни и средни училишта • Работи на сопствено стручно усовршување • Работа во стручни здруженија, организации, активи на педагози и психолози	
8. Обработка на материјали и прегледи	**IX-VI**
• Пополнување статистички прегледи за почеток-крај на учебната год. • Пополнување прегледи од општина, МОН, ДПИ,БРО, др • Пополнување податоци за реализирани часови • Пополнување статистички материјали за институции	
9. Водење на педагошка евиденција и документација	**IX-VI**
• Водење на евиденција и документација за сопствената работа: а. дневник за работа, б.досиеја за работа со ученици, в. документација на истражувачката работа, г. прегледи, извештаи, анкети	
10. Сопствено стручно усовршување	**IX-VI**
• Соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ на РСМ	

• Следење стручна литература и периодика • Учество на Секцијата на педагози „Гласот на педагогот“ • Соработка со институции од интерес за воспитно- образовната работа • Центар за социјални работи • Завод за ментално здравје на деца и младинци • МВР-малолетничка деликвенција • Здравствен дом • СОС Детско село	
11. Изработка на стручни материјали и/или презентации	**IX-VI**
12. Подготовки за работа	**IX-VI**
• Подготовка на материјали, инструменти, презентации и работилници.	

Изработил: Ивана Петровска- педагог

Годишен извештај за работата на стручниот соработник- психолог

Извештај за работата на стручен соработник - психолог	
Содржина на работата	**Време**
1. Планирање, програмирање, организација на воспитно-образовната работа	***VIII-VII***
1.2 Изработка на Годишна програма за работа на училиштето	***VIII***
• Планирање на приоритети за учебната година • Планирање на сите сегменти од ВОР • Усогласување на Годишната програма со закон и нормативи, НПП, СеУ и ПлРУ на ООУ.	
1.2 Координира активности при изработка на програми за различни сегменти од работата на училиштето	***VIII-VII***
• Помош при усогласување на сегментите на Годишната програма со закон и нормативи, НПП, СеУ и ПлРУ на ООУ • Помош во изработка на Годишни, тематско-процесни и дневни подготовки на наставниците-форми, методи на работа, планирање на оценувањето, примена на ИКТ, планирање на диференцирани стандарди и активности • Формира групи и распределба на изборни предмети • Увид во изработка рефлексија на час и тема • Следи реализација на активностите • Дава помош за надминување на потешкотии	
1.3 Унапредување на оценувањето	***VIII-VII***
• Планирање на приоритети и инструменти за вреднување • Следење на реализација на планираното • Увиди во инструменти за оценување на наставниците • Увиди во наставнички портфолија • Анализа на квалитетот на наставничките портфолија	
1.4 Професионален развој на наставниците	***VIII-VII***

• Водење на евиденција за посетени семинари од наставниците • Внесување на податоци во професионално досие на наставникот • Планирање на приоритени обуки	
1.5 Самоевалуација и развојно планирање на училиштето	***IX-X***
• Учествува во реализирање на Планот за развој по подрачја и индикатори за ООУ	
2. Педагошко-инструктивна работа со наставниците	***IX-VI***
2.1 Помага во дидактичко-методското конципирање на наставата-избор на стратегии на поучување, форми и методи	***IX-VI***
• Помага на наставниците во унапредување на планирањата • Помага во иновирање на наставата-активна настава, индивидуализирана настава • Со наставниците учествува во подигање на квалитетот на ученичките знаења и вештини–решавање на проблеми, примена во вежби, анализи, синтеза, евалуација • Помага во осмислување на активности за равој на мислењето • Помага на наставниците во примена на современите дидактичко-методски иновации • Дава помош на наставниците во организација и реализација на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности • Дава помош за оформување на рефлексија на час/тема • Анкети и нивна обработка • Помош во планирањата и реализацијата • Следење и увиди на реализацијата • Работи со наставници-приправници • Помага во водење на Професионално портфолио • Води професионално досие за наставникот	**IX-VI**
2.2 Унапредување на наставата по математика и природните науки	
• Следи квалитет на планирања • Следи реализација на настава • Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците	
2.3 Примена на ИКТ во наставата	
• Следи квалитет на планирања и реализација на настава	
2.4 Унапредување на оценувањето	
• Следи квалитет на планирања • Помага во изработка на инструменти за следење и вреднување на постигањата на учениците • Следи квалитет на оценувањето • Помага во водење на Професионално портфолио • Води Професионално досие за наставникот	
2.5 Соработува со одделенските раководители	

• Помош во изработката на планирања за часот на оддел. раководител-образование за животни вештини • Помага во решавање на проблеми на паралелката	
2.6 Реализација на проекти во кои учествува училиштето	
• Анализира постигнатост на цели од програма за развој на училиштето • Следење на активности • Прибирање и документирање на изработки • Учествува во планирање и реализација на активности за „Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем“ • Координира соработка помеѓу У-Н-Р • Води активности за демократска партиципација на Ученичкиот Парламент • Прибира документи и води евиденција за реализирани активности	
2.7 Испитување на образовните потреби на учениците, родителите, ученички парламент, Советот на родители и локалната заедница	
• Соработува со одд. раковод на запознавање со способностите на учениците, семејна состојба и ученичкиот парламент • Помага во решавање на образовни, воспитни и развојни проблеми на учениците	
3. Работа со ученици	***IX-VI***
• Учество во испитувањето на зрелоста на учениците за поаѓање во прво одделение • Формира паралелки во прво одделение • Советување на ученици • Организирање на работилници со ученици	**V, VI, VIII**
Прием и распоредување на: • Новозапишани ученици • Повторувачи и неоценети ученици • Групи за изборни предмети-анкета на У-Р, обработка, формирање групи • Помош во организација на изведување на класни испити	**IX- V**
3.1 Следење на развојот на учениците	
• Следење на социјализацијата и адаптацијата на учениците а. На првачињата и ново примени ученици б. По премин во втор циклус на образование	
3.2 Советодавна работа при разрешување на интелектуални, емоционални, семејни проблеми	
• Индивидуална СКР со У • Кои имаат неоправдани изостаноци • Кои покажуваат асоцијално или несоодветно однесување • Кои имаат здравствени или развојни потешкотии	
3.3 Работа со Ученички парламент и одделенските заедници	

• Организирање на состаноци на ученички парламент • Одбележување на важни денови со учениците од ученички парламент • Организирање на работилници со ученици • Разгледување на извештаи и програми	**IX- VI**
3.4 Професионална ориентација	
• Планирање на активности • Разгледување на Конкурси за упис во средни училишта	**XI, IV, V**
3.5 Работа со ученици со развојни потреби	
• Ученици со потешкотии во учењето; • Изработка на програма за работа со ученици со потешкотии во учењето • Евидентирање на ученици со потешкотии во учењето • Изработка на програма за работа со надарени ученици • Евидентирање на надарени ученици • Учествува во училишен тим за работа со надарени ученици • Учествува во училишен инклузивен тим	**X-V**
3.6 Развојно следење на напредокот на учениците	
• Изготвување на инструменти за следење и вреднување • Креирање, примена и интерпретација на за аспекти на воспитно-образовната работа • Го следи напредокот на учениците со кои е вршена СКР • Следи ре-вакцинации на учениците • Следи запишување на учениците во прво одделение • Следи и насочува ученици според интерсите за изборни предмети	
4. Работа со родители	***IX-VI***
• Поддршка на родителите при вклучување во работата на училиштето • Педагошко-психолошка поддршка на родителите • Советување на родители • Едукација на родителите за меѓуетнички интеграции • Едукација на родителите со развојните карактеристики на детето • Вклучување на родителите во тековните проекти	
5. Аналитичко-истражувачка работа	***IX-VI***
• Самоевалуација –СеУ • Анализа на запишувањето во прво одделение • Анализа на изостаноци • Анализа на успехот и поведението на учениците по квалификациони периоди	
6. Работа на стручни органи и тела во училиштето	***IX-VI***

• Изработка на насоки, упатства, презентации,протоколи • Известување за резултатите од анализи,прегледи, истражувања • Работа и координација на училишни тимови - тим за самоевалуација - тим за унапредување на оценувањето - тим за професионален развој - училишен тим за работа со ученици со развојни проблеми и проблеми во поведението -училишен инклузивен тим • Учество во работата на одделенските совети • Учество во работата на Наставничкиот совет • Помош и учество во работата на стручните активи	
7.Соработка со стручни институции	***IX-VI***
• Соработка со општествени,стручни институции, невладини организации • Соработка со институции од локалната заедница, основни училишта • Соработка со здравствени установи и центри, основни и средни училишта • Работи на сопствено стручно усовршување • Работа во стручни здруженија, организации, активи на педагози и психолози	
8. Обработка на материјали и прегледи	***IX-VI***
• Пополнување статистички прегледи за почеток-крај на учебната год. • Пополнување прегледи од општина, МОН, ДПИ,БРО, др • Пополнување податоци за реализирани часови • Пополнување статистички материјали за институции	
9. Водење на педагошка евиденција и документација	***IX-VI***
• Водење на евиденција и документација за сопствената работа: а. дневник за работа, б.досиеја за работа со ученици, в. документација на истражувачката работа, г. прегледи, извештаи д. анкети	
10. Сопствено стручно усовршување	***IX-VI***
• Соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ на РСМ • Следење стручна литература • Учество на Секција на психолози • Соработка со институции од интерес за воспитно- образовната работа • Центар за социјални работи • Завод за ментално здравје на деца и младинци • МВР-малолетничка деликвенција • Здравствен дом	
11. Подготовки за работа	***IX-VI***
• Подготовка на материјали, инструменти, презентации и работилници.	

Изработил: Александра Донева- психолог

Годишен извештај за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2024/2025 година

Согласно Годишната програма за работата на училиштето и програмата за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор од предвидените активности во оваа учебна година реализирани се следните:

1.Работа со ученици

- Увид во бројот на ученици со ПОП во учебната 2024-2025 година, формирање на база на податоци за ученици со ПОП;
- Распределба на ученици со ПОП (првачиња) по одделенија согласно видот и степенот на попреченоста;
- Помош и поддршка на ученици со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава;
- Увид во потребната документација за секој ученик со ПОП (наод и мислење од стручно тело за функционална процена ЗМЗ и МКФ);
- Изготвување на ИОП/МНП согласно препораките од проценатa за попреченост;
- Увид во планирање, реализација и реевалуација на воспитно-образовните цели за учениците со ПОП предвидени во ИОП/МНП;
- Индивидуалани средби со ученици со ПОП како и директна помош и поддршка во тек на наставен час;
- Водење на досие за ученик со ПОП со опис на реализирани активности;
- Опсервација на ученици со едукативни потешкотии-план и програма за индивидуална поддршка;
- Помош и поддршка во идентификација и опсервација на талентирани и надарени ученици;
- Помош и поддршка во идентификација и опсервација на ученици кои доаѓаат од социјално загрозени семејства;
- Планирање и реализација на инклузивни работилници по повод одбележување на значајни датуми за лицата со ПОП;
- Поттикнување на врсничка помош и поддршка за учениците со ПОП;
- Следење на адаптацијата, социјализацијата и едукативен напредокот на учениците со ПОП;
- Помош и поддршка при запишување на ученици со ПОП во прво одделение за следната учебна година.

2.Работа со наставници

- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со одделенски наставници кои во своите одделенија имаат ученици со ПОП;
- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со класни раководители и предметни наставници на ученици со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава;
- Соработка со наставници во планирање, изработка и реевалуација на ИОП/МНП за ученик со ПОП;
- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со наставниците за ученици со едукативни потешкотии (индивидуализација и диференцијација во наставниот процес);

- Стручни советодавни средби и взаемна соработка со наставниците со цел обезбедување врсничка помош и поддршка за учениците со ПОП;
- Соработка со наставниците во планирање и организирање на инклузивни работилници по повод одбележување на значајни дадтуми за лицата со ПОП.

3.Работа со родители

- Индивидуални средби со родители на учениците со ПОП;
- Информирање на родителите за видот на едукативната поддршка на учениците со ПОП согласно препораките од проценката за попреченост;
- Советодавни средби со родители на ученици со едукативни потешкотии;
- Советодавни и инструктивни средби со родителите за работа со ученици со ПОП во домашни услови;
- Соработка со родителите во планирање и организирање на инклузивни работилници по повод одбележување на значајни дадтуми за лицата со ПОП.

4.Соработка со заедницата

- Стручни советодавни средби со стручен соработник-ментор;
- Советодавни средби/размена на информации со стручни соработници во училиштето;
- Советодавни средби и активности со стручни соработници специјални едукатори и рехабилитатори на локално и на градско ниво;
- Стручни советодавни средби и активности со координатор на ОУРЦ „Иднина“;
- Советодавни средби и активности со образовни асистенти распределени во училиштето;
- Континуирана соработка, средби и активности со локална заедница;
- Соработка со стручни органи (БРО,МОН) советодавни разговори и консултации за разни прашања во делот на инклузија;
- Соработка со стручни тела за функционалан процена ЗМЗ/МКФ

5.Професионален развој и професионална соработка

- Изготвување личен план за професионален развој;
- Континуирано следење на стручна литература;
- Размена на теоретски и практични искустава со стручни соработници и наставниот кадар во училиштето;
- Размена на теоретски и практични искустава со колегиум на специјални едукатори и рехабилитатори;
- Посета на стручни средби, обуки, предавања, и вебинари;

6.Аналитичко-истражувачка работа

- Реализација на аналитичко-истражувачка работа (студија на случај)

7.Училишна структура и организација

- Советодавни средби и разговори за начинот на спроведување на инклузивната теорија и практика во училиштето;
- Формирани УИТ како и ИТУ за ученик со ПОП кој работи по ИОП/МНП;
- Формиран тим за индивидуална поддршка за учениците со едукативни потешкотии;
- Планирање и реализација на инклузивни активности/работилници во училиштето по повод одбележување на значајни денови за лицата со ПОП со цел подобрување на инклузивната клима;
- Тековни наставни и воннаставни активности поврзани со воспитно-образовниот процес во училиштето.

8.Педагошка евиденција и документација

- Годишна програма за сопствената работа;
- Хронолошки дневник за работа;
- Оперативна програма за работа;
- Досие за ученик со ПОП со опис на реализирани активности;
- Евиденција за реализирани средби со родители;
- Извештај од реализирани обуки;
- Полугодишен и годишен извештај за сопствената работа.

Специјален едукатор и рехабилитатор
Слаѓана Јовановска

Годишен извештај за работа на училишен инклузивен тим во учебната 2024-2025 година

Согласно Годишната програма за работа на УИТ во учебната 2024-2025 година се реализираа следниве активности:

- Увид во Годишната програма за работа на УИТ за учебната 2024-2025 година и во составот на членовите кои го сочинуваат УИТ;
- Анализа на Законот за основно образование, Концепција за инклузивно образование, Упатство за начинот на соработка со основно училиште со ресурсен центар и центар за поддршка на учењето;
- Увид во вкупниот број на ученици со ПОП во училиштето како и во бројот на нови ученици со ПОП запишани во прво одделение;
- Формирање на база на податоци за ученици со ПОП;
- Формирање на ИТУ за новозапишани ученици со ПОП;
- Соработка со ОУРЦ „Иднина“, работен состанок, договор за понатамошни активности;
- Изработен и одобрен Акциски план за сработка со ОУРЦ „Иднина“;
- Соработка и размена на информации со ОУРЦ „Иднина“ за распределени образовни асистенти во училиштето;
- Разгледување на Правилникот за нормативи, опис на компетенции и работни задачи на образовен асистент;
- Формирање на тим за индивидуална поддршка за ученици со потешкотии во учење и емоционални потешкотии;
- Увид во соодветната стручна документација за учениците со ПОП -наод и мислење од стручно тело ЗМЗ/МКФ;
- Разгледување на процедура за изработка на ИОП/МНП;
- Увид во изготвените ИОП/МНП за секој ученик со ПОП согласно препораките од проценатa за попреченост;
- Увид во планирање, реализација и реевалуација на воспитно-образовните цели за учениците со ПОП предвидени во ИОП/МНП;
- Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијата и едукативен напредокот на учениците со ПОП;
- Идентификација и евиденција на надарени и талентирани ученици;
- Идентификација и опсервација на ученици кои доаѓаат од социјално загрозени семејства;
- Континуирана соработка и размена на информации со стручни соработници и со наставниот кадар во училиштето;
- Соработка и размена на информации со родителите за инклузивните теории и практики во училиштето;
- Планирање и реализација на инклузивни активности/работилници со цел одбележување на значајни датуми за лицата со ПОП;
- Планирање на нови содржини и активности со цел подобрување на инклузивната клима во училиштето;
- Помош и поддршка во запишување на ученици со ПОП во прво одделение за следната учебна година;
- Изработка на годишна програма за работа на УИТ за новата учебна 2025/2026 година

Училишен инклузивен тим

Годишен извештај за работа на библиотеката во учебната 2024/2025 година

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/2025 година, обврските во библиотеката ги извршував согласно планот за работа изготвен за тековната година. За успешно реализирање на наставата прво беа поделени учебниците на класните раководители кои ги задолжија учениците да ги користат и чуваат во текот на учебната година. Организирање на библиотекарска секција со ученици од различни одделенија. Изработка на паноа за библиотекарското пано преку организирана работилница во која учениците ги изразуваат своите вештини во пишување, творење. Во библиотекарската секција членуваат ученици кои пројавуваат интерес и афинитет кон убавиот пишан збор. Работата на оваа секција е во нераскинлива врска со работата на библиотеката која работи во нашето училиште. Со библиотекарската секција, само се дополнуваат и реализираат планираните активности. Најпрво ги реализиравме активностите околу истражувањето за тоа што значи книгата, подготовка за месецот на книгата. Учениците изработуваа обележувачи за книги како и хамер посветен на месецот на книгата. Во овој период беше организирана акција за збогатување на училишната библиотека која гласеше „Подари книга, збогати ја училишната библиотека“. Како дел од активностите со учениците, на секците се организираа работилници на кои се работеше на уредување на библиотекарското пано, со соодветни мотиви за определен период. За одбележување на „Есента“, одбележување на денот на училиштето. Учениците во секцијата активно учествуваа со пишување на лични творби и пораки посветени за „Нова година“, за денот посветен на мајката на тема „Мајка“. За одбележување на 8ми Март, учениците од секција го отворија настанот кој се одржа по повод денот на Жента, исто така и се претставија со литературни творби. Го одбележавме и на „Меѓународниот ден на поезијата (21 Март)“ односно се одржа поетско читање на избрана поезија од македонски автори. . За денот на шегата учениците истражуваа шеги кои меѓусебно ги споделија и изработија маска по свој избор. За одбележување на „Пролета“ е изработено пано со истоимената тема, како и на 22ри Април со изработка на пораки се одбележа и денот на планетата Земја. Во месец мај, на 5ти мај го одбележавме Денот на македонскиот јазик, односно денот кога во 1945 година е озаконета македонската азбука, а на 24ти мај денот посветен ма сесловенските просветители, го одбележавме со претходни изработки за браќата Св. Кирил и Методиј.

Оваа година, за првпат остваривме соработка со издавачката куќа „Арс Ламина“ преку нивните списанија „Прв детски клик“ и „Детски клик“, со што учениците од прво до четврто одделение имаа можност да го надополнат своето знаење преку списанието.

Одржани средби со родителите во кој се разговарало за начинот на чување и навремено враќање на лектирите кои ги подигнуваат од библиотеката, како и поттикнување на заинтерисираноста кај своите деца за пишаниот збор- книгата. Соработка со наставниците за успешно реализирање на предметот по македонски

јазик, односно поделба на лектири. Разговор за навремено враќање на лектирите. Соделување на информации за акцијата за збогатување на библиотеката со книги/лектири.

Континуирано извршување на редовните обврски околу библиотеката, средување и подредување на библиотечниот фонд, водење евиденција на дадените и вратените книги од библиотеката. Направена анализа за успешноста при релизирање на библиотекарската секција, како и доделени Пофалници за учениците од библиотекарската секција.

Покрај обврските во библиотеката со книгите и учебниците, навремено ги извршував и обврските околу водење на записниците од Наставничкиот Совет, Одделенскиот Совет, како и обврските кои произлегуваат од учеството во други комисии и активности. Една од активностите е одговорната да се биде дел од тимот за изработка на училишното списани и да се допринесе за него.

Оваа учебна година библиотеката на ООУ „Његош“ се збогати со нови лектири како подарок за библиотеката од страна на учениците на основното училиште по спроведената акција „Подари книга, збогати ја училишната библиотека“ организирана по повод одбележување на месецот на книгата да се збогати библиотечниот фонд, се збогати и со подарени книги од гостите кои не посетија од Црна Гора.

Изработил: Ивана Доневска Лалевска

Работа на стручни органи и тела

Орган	Стручен актив	Одделенски совет	Наставн. совет	Совет на родител	Училишен одбор
Број на состаноци	3 x 5 = 15	**5**	**17**	**5**	**27**

7.3 Стручни активи

Стручни активи- Во училиштето работат:

- Актив за одделенска настава (одговорен Светлана Апостоловска);
- Актив за хуманитарно- јазична група на предмети (одговорен Зорица Стевковска)
- Актив за природно-математички и техничка група на предмети (одговорен Сузана Малинова)

Извештај за реализирани активности на стручниот актив за одделенска настава за учебната 2024/2025 година
Одговорен: Светлана Апостоловска

Работата на стручниот актив во учебната 2024/2025 година е насочена кон планирање, изготвување на програмата на воспитно-образовната работа со учениците и континуирано следење на реализацијата на наставните планови и програми. Подготовка и реализирање на стручно усовршување и доедукација на наставниот кадар, мерки за унапредување на работата, изработка на задачи од објективен аспект, пратење и анализа на користените објективни постапки и инструменти како и мерење на постигнувањата и вреднувањето на учениците. Непрекинато следење на иновациите во наставата, нивно имплементирање за унапредување на воспитно- образовниот процес. Унапредување на воннаставните активности. Планирање на набавка на наставни средства и помагала со цел за современа и квалитетна настава. Одржување на успешна работа, тимска работа и координираност во работата. Во текот на првото полугодие беа одржани состаноци на стручниот актив на одделенска настава и се што беше договорено и планирано, беше реализирано до крајот на учебната година.

Цели	**Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа,рима)**
Содржини	Видови литературни текстови/ творба (расказ, бајка, басна, драма, песна)
Реализатор	**Анета Ивановска**
Време	Септември / 07.09.2024
ресурси	Компјутери, интернет ,смарт табла , работни материјали, подготвена песна ,,Татковина,,
Очекувани ефекти	Развој на слухот и говорот кај учениците, изразно рецитирање и разбирање на содржината на песната,
Цели	**Ги објаснува негативните последици од родово базирано насилство вербално и физичко.Го вреднува родово**

	базираното насилство како несоодветно
Содржини	Родови норми на однесување (емпатија, родови стереотипи и предрасуди, родово базирано насилство)
Реализатор	**Убавка Наумовска**
Време	Октомври / 07.10.2024
ресурси	Компјутер,проектор,табла,листови А4 формат , прибор за пишување,боење,тетратка ,хамер
Очекувани ефекти	**Ги објаснува негативните последици од родово базирано насилство вербално и физичко.Го вреднува родово базираното насилство како несоодветно .**
Цели	**Читање на текстови од ученици со меѓуетнички разлики .Учествува во разговор на теми од негов интерес**
Содржини	Празнување на денот на албанската азбука .Водење краток разговор(разговор,прашање,одговор,реченица) Говорна вежба
Реализатор	**Флора Јусуфи**
Време	Ноември / 21.11.2024
Ресурси	табла, компјутер, плакати,постери,илустрации со слики поврзани со содржините и активностите.
Очекувани ефекти	унапредување на другарството и почитувањето на меѓуетничките разлики, развој на говорот.
Цели	Изработка на новогодишни украси и честитки , украсни предмети од амбалажи и оригами-Новогодишни украси
Содржини	**Дизајн и визуелни комуникации, средства,материјали, техники постапки и елементи (дизајн, дезен, оригами, естетска проценка)**
Реализатор	**Тијана Величковска Тодоровска**
Време	Декември /20.12.2024
Ресурси	Аудио-визуелни,средства,различни материјали,средства и материјали за печатење,дизајн и визуелни комуникации.
Очекувани ефекти	Развивање на креативните ликовни можности и способности кај учениците со изработка на Новогодишни украси. Развивање на другарството и почитувањето на меѓуетничките разлики.
Цели	**Да се нанесуваат различни слоеви боја на сликарска подлога. Да разликува разни мотиви (пејсаж,композиција) и ги именува .**
Содржини	Естетско проценување : сликарска текстура,ахроматска и хроматска композиција, слој на боја,комбинација на мали и големи форми,естетско проценување мотив-пејсаж,композиција.
Реализатор	**Ивана Анѓелевски**
Време	Јануари / Февруари 07.02.2025
Ресурси	презентација, компјутер, материјали за сликање.
Очекувани ефекти	**Развивање на интерес за сликање и естетско проценување на ликовните творби.**
Цели	**Да се развива ликовното креативно творештво преку**

	изработка на честитка за мајките со примена на разновидни работни материјали, развивање на работна навика и развој на чувство за естетски и разновидни ликовни творби, развивање на еколошка свест за уредување на работото катче.
Содржини	Ликовни елементи во сликањето(примарни и секундарни бои, ладни и топли бои,спектар на бои,ликовна композиција, декорација .Изработка на честитка за 8 ми март.
Реализатор	**Тања Стојкоска Јовеска**
Време	Март 07.03.2025
Ресурси	ЛЦД проектор, лаптоп, подлоги,работни материјали за сликање:темперни или водени бои, блок, четки,палета.
Очекувани ефекти	Развој на естетски чувства за изработка на креативни ликовни творби со примена на разновиден материјал, развој на еколошката свест и одговорност за уредување на работното катче.
Цели	**Развивање на креативноста кај учениците, усвојување.Користи и комбинира различни средства и материјали,за создавање облици и градби.**
Содржини	Основи на ликовниот јазик,ликовни елементи и принципи во сликањето - Изработка на велигденски украси
Реализатор	**Маја Јовевска 16.04.2025**
Време	Април
Ресурси	Хартија во боја, украсни материјали, природни материјали,ножици,лепак, компјутер, смарт табла, проектор,фломастери,дрвени боици, мрсни боици,
Очекувани ефекти	Развој на ликовната креативност кај учениците, готови велигденски украси.
Цели	**Читање и интерпретирање на песни за деца.Да се равиваат литературните способности и да се свати огромната улога и значење на делото на првите словенски просветители за писменоста .**
Содржини	Обработка на песна ,,Во чест на нашите учители,, .Изразно чита и рецитира песни за деца.
Реализатор	**Зорица Наунова**
Време	Мај 22.05.2025
Ресурси	Ливчиња,хамер,
Очекувани ефекти	Развој на литературните способности разбирање на значењето на делото на првите словенски просветители
Цели	**Применува разновидни техники и постапки во сликањето (капење,гребење,прскање, колаж).Комбинира материјали, средства,техники постапки и создава слики.**
Содржини	Подлоги средства,техники и материјали за сликање, Сликање ,, Дојде лето ,,

Реализатор	**Фатмире Подграѓа**
Време	Мај 02.06.2025
Ресурси	Средства и материјали за сликање(темперни боици, водени боици,хартија во боја, природни и вештачки матеијали, колаж,четка за заби, сунѓер)
Очекувани ефекти	Развој на ликовните способности кај учениците, примена на ладни и топли бои, средување на работното место, создадени еколошки навики

Извештај за реализирани активности на стручниот актив од хуманитарно - јазично подрачје за учебната 2024/2025 година

Одговорен:Зорица Стевковска

11.	Виолета Радулова	VIIIг
12.	Даниела Моневска	IXa
13.	Лилјана Трајкова	IXб
14.	Владанка Михајловска	IXв
15.	Моника Митреска Трајкоска	IXг

НАСТАВНИК	Предмет	ОДДЕЛЕНИЈА ВО КОИ ПРЕДАВА																Вкупно
		о.ч	6 одделение				7 одделение				8 одделение				9 одделение			
			а	б	в		а	б	в	г	а	б	в	г	а	б	в	г
Магдалена Јанковска	македонски јазик	**1**	4	4	4						4	4							**20+1=21 часа**
Олга Добревска	македонски јазик	**1**					4	4	4	4				4					**20+1=21 часа**
Валентина Соколова	македонски јазик	**1**											4		4	4	4	4	**20+1=21 часа**
Татјана Арсова	англиски јазик	**1**	3	3	3		3	3	3	3									**21+1=22 часа**
Благица Блажевска	англиски јазик										3	3	3	3	3		3	3	**21+1=22 часа**
Бојана Митевска	англиски јазик															3			**21 часа** 4а,б=6 5а,б,в,г=12 9б=3
Анита Костадиновска	англиски јазик																		**20 часа** 2а,в,г=6 3а,б,в,г=8 4в,г=6
Јосиф Шапкалиевски	англиски јазик																		**8 часа** 1а,б,в=6 2б=2
Моника Трајкоска	германски јазик	1	2	2	2		2			2	2			2	2		2	2	**20+1=21 часа** 6а,б,в=6 7а,г;7а,в=4 8а,б;8в,г=4 9а;9б,в;9г=6
Софија Петроска	француски јазик готвење мултикултурни работилници		2		2		2 2		2	2	2		2		2		2		**20 часа** 7а=2 (изборен) 6а,в;6б=4 7а,г;7б;7в=6 8аб; 8вг=4 **9аг; 9бв=4**
Даниела Моневска	математика	**1**									4				4	4	4	4	**20+1=21 часа**
Олгица Ристовска	математика	**1**					4	4	4	4			4						**20+1=21 часа**
Даниела Димишковска	математика	**1**	5	5	5							4		4					**23+1=24 часа**

Соња Рулевска	Биологија	**1**					2		2	2	2	2	2	2	2	2	2	2	**22+1=23 часа**
Билјана Ристовска	физика	**1**					1	1	1	1	2	2	2	2	2	2	2	2	**20+1=21 часа**
Лилјана Трајкова	Хемија природни науки	**1**		3			1	1	1	1	2	2	2	2	2	2	2	2	**23+1=24 часа**

НАСТАВНИК	**Предмет**	**ОДДЕЛЕНИЈА ВО КОИ ПРЕДАВА**																**Вкупно**
		о.ч	**6 одделение**				**7 одделение**				**8 одделение**				**9 одделение**			
			а	**б**	**в**		**а**	**б**	**в**	**г**	**а**	**б**	**в**	**г**	**а**	**б**	**в**	**г**
Игорче Дунимаглоски	историја ЕСАРУ		2	2	2						2	2	2	2					**14+6=20 часа**
Тоше Трајковски	историја нашата татковина						2	2	2	2					2	2	2	2	**16+4=20** 9б.в=4 (изборен)
Марина Грамова	Географија	**1**	1	1	1		2	2	2	2	2				2	2	2	2	**21+1=22 часа**
Владанка Михајловска	ТО и информатика	**1**	2	2	2		2	2	2	2									**22+1=23 часа** 5а,б,в,г=8
Бисера Петреска	музичко образ. хор/оркестар		1	1	1		1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	**21 час** 15+3хор+3орк.
Емилија Божиновска	ликовно образ. иновации проекти од ликовна уметност		1	1	1		1	1	1	1	1	1	1	1	1 1	1 1	1 1	1 1	**19+2=21** 9г=2 (изборен)
Виолета Радулова	физичко и здравст. образ.	**1**					3		3	3	3	3	3	3					**21+1=22 часа**
Дарко Димитријевиќ	физичко и здравст. образ.		3	3	3										3	3	3	**3**	**21 часа**
Марјан Трајковски	физичко и здравст. образ.							3											**21 часа** 1а,б,в=9 2а,б,в=9
Бобан Величковски	физичко и здравст. образ.		3	3	3														**9+12=21 часа** 5а,б,в,г=12

Златко Димитров	физичко и здравст. обр. изборен спорт														2				**18+2=20 часа** 2г=3 3а,б,в,г=12 4г=3
Даниела Денковска/Биљана Чадиновска	природни науки. биологија		3		3			2											**16 часа** 5а,б,в,г=8 (Глигор Прличев)
Ана Петровска	граѓанско обр.						1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	**12 часа** (Наум Наумовски Борче)
Анета С. Николовска	географија											2	2	2					**6 часа**
Валентина Николовска	класична кул. на европ. цивилиз., образование за животни вештини, извидништво, прва помош			2							2	2		2					**8 часа** 6,8 одд.
Даниела Ристеска	етика на религи,. образование за животни вештини, готвење, мултикултурни работилници, извидништво, прва помош		2		2			2	2	2			2						**12 часа** 6,7,8 одд.

Р А С П О Р Е Д

на наставниците по предмети, денови и часови за одделенијата од 6 - 9 одделение во ООУ СТИВ НАУМОВ - Скопје

	НАСТАВНИК	ПРЕДМЕТ	ОДД.		ПОНЕДЕЛНИК								ВТОРНИК								СРЕДА								ЧЕТВРТОК								ПЕТОК							
					1	2	3	4	5	6	7	8	1	2	3	4	5	6	7	8	1	2	3	4	5	6	7	8	1	2	3	4	5	6	7	8	1	2	3	4	5	6	7	8
1	Магдалена Јанковска	македонски јазик	8б	6б,8абвг	8б	8б	8а		6б	8в			8г	8в	8б						8а	8г	8в	6б	8б				8а	6б	8в	8г					8а	8б	8г	6б				
2	Олга Добревска	македонски јазик	9а	6аг,9абв	9а	9а	9б	9в	6г				9б	6а	9в	9а					6а	6г	9б						6а	9б	9в	6г	9а				6г	6а	9в	9а				
3	Валентина Соколова	македонски јазик	/	6в,7абвг	7в	7б		7а	7г	6в			7г	7б	7а		7в				6в	7а							7а	7б	7в	7г	6в				7б	6в	7г	7в				
4	Татјана Арсова	англиски јазик	8г	8абвг,9абв	8г	8г	8в	9а					8в	8а	9б	9в					8г	9б	8а	8б	9а				9в	8а	9а	8б					9б	8г	8б	8в	9в			
5	Благица Блажеска	англиски јазик	6а	6абвг,7авг	6а	6а	6в	7г					6б	6г	7в						6г	6б	7в	7	7а	6а			6в	7а		6б	7в				6в	7г	6а	7а	6г			
6	Софија Петроска	француски јаз./животни в.	/	6абвг,7абвг,8абвг,9абв						9б	9б					7бг		8аг			9ав		баб	бвг		7б	7б		8бв		бвг		баб	7г	7г		7ав							
7	Даниела Моневска	математика	7а	6а, 7абвг	7а	7а	6а	7в	7б				6а	7г	7б	7а					7б	6а	7а	7в	7г				7в	7г	6а						7г	7б	7а	6а	7в			
8	Олгица Ристовска	математика	9б	6бв, 9абв	9б	9б	9в	6в	9а	6б			9а	6б	6в						6б	6в	9а	9в	9б				6б	6в	9б	9в					6б	9а	6в	9в	9б			
9	Даниела Димишковска	математика	/	6г, 8абвг				6г	8а	8б			6г	8б	8г	8в	8а				8в	8б	6г	8г					8г	6г	8а	8в					8б	6г	8а	8г	8в			
10	Билјана Ристовска	физика/природни науки	9в	8абвг, 9абв	9в	9в	9а						8б	8г	8в										8а	8г			9б	9а							8в	9в	9б	8б	8а			
11	Лилјана Трајкова	хемија/природни науки	7б	6аб,8абвг,9абв	7б	8а	8б	8г	9б				9в	9б	9а	6а	8в				8б	8а	8г	8в	6а				9а	9в	6б						6а	6б	6б					
12		биологија	/	7абвг,8бвг,9абв							8г							9а	9б		7в	7г	8б		9в	7а			7б	7в	7г	7а	8в	9в			8г	8в	7б	9б	9а	8б		
13	Александар Каровски	историја/граѓанско образ.	6в	6абвг, 8абвг	6в	6б	8г	8в	8г						6а	8а	8б	8в						8а	8г	6в	6б		6г	6а	8б								8в	6г	8б	6б	8а	
14	Тоше Трајковски	историја/истражување на РК	7г	7абвг, 9абв	7г	7г	7а									9в	8б	8б			7а	7б	7г	9а	7в	8в	8в				7б	7в	9б	8г	8г		9в	9б	9а				
15	Марина Грамова	географија	8в	7абвг,8абвг,9абб	8в	8в	7г	8б	7а				7б	9а	8а	8г					7г	7в	7б	9б						8г	9б	7а	8б	8в			9а	8а	7в					
16	Емилија Божиновска	Ликовно образ./Иновации	8а	6абвг,7абвг,8абвг,9абв	8а	7в							8а	9в	7г	9б	7а				9б	8в	9в	7б	6в	6б						8а	9а	6а				6г	8а	8г	9а	8б	
18	Виолета Радулова	физ. и здрав. образ.	6г	6абвг,9абв	6г	6г	6б	9б	9в	6а	6в				6г	6в	9б	6б	9а						6б	9в	9б						9а	9в	6а					6в	6а	6г	9а	
19	Дарко Димитриевиќ	физ. и здрав. образ.	/	7абвг,8бвг			7в	7б	8в	8г	8б					8б	8г	7г	8в						8в	7в	7а		7г	8г	7а	7б	8б						7г	7б	7а	7в	
20	Благица Јовановска	музичко образ/ хор/ оркестар	6б	6абвг,7абвг,8абвг,9абв	6б	6в	7б		8б	8а	6а							6г	7г							9б	9в					8г	8б	9а					6б	7в	7а	
21	Моника М. Трајкоска	германски јазик		6абвг,7абвг,8абвг,9абв						9аб						7г	7г	8г	8г		9в	9в	баб	бвг		8аб			8в	8в	бвг		баб	7бв			7а	7а						
22	Владанка Михајловска	информатика/програмирање	7в	6абвг,7абвг,9абв			6г	6б	7в	9в	9в				6б	7в	6а						6в	6а	6г	9а	9а				6в	7г	9б	9б					7б	7а	9б	9б	
23		етика/граѓанска култура	/	7абвг,9абв												9а	9б	9в						7а	7б	7г	7в																
24	Даниела Ристеска	етика на религии/жив. веш.	/	6абвг,7ав				6а	6а	7ав			7ав			6г	6г	7ав																										
25	Валентина Николовска	класична култура на евр.див.	/	6абвг									6в	6в		6б	6б	6в	6в																								
27	Даниела Денковска	биологија/природни н.	/	6вг, 8а				8а	6в	6г	6г																					8а	6г	6в	6в								
29	Анита Серафимова	географија	/	6абвг,9в												6в	9в	6б														6а		6г	9в								
31	Бојана Митевска	англиски јазик	/	7б						7б																							7б										
35	Марјан Трајковски	физично и здрав. образ.	/	8а							8а																							8а									

Д Е Ж У Р С Т В А

		ПОНЕДЕЛНИК	ВТОРНИК	СРЕДА	ЧЕТВРТОК	ПЕТОК
1	приземје - коцка	Александар Каровски	одделенска	Лилјана Трајкова	одделенска	одделенска
2	I спрат - коцка	Магдалена Јанковска	Емилија Божиновска	Татјана Арсова	Олга Добревска	Билјана Ристовска
3	I спрат - ходник	Валентина С./Владанка М.	Валентина С./Владанка М.	биологија	Софија П./граѓанско	Благица Блажеска
4	II спрат - ходник	Марина Грамова	Даниела Димишковска	Тоше Трајковски	Олгица Ристовска	Даниела Моневска
5	спој	Благица Јованова	Даниела Р./Валентина Н.	Моника Трајкоска		

м.п

Директор: _____

8.3. Работа во смени

Одделенската настава ги опфаќа децата од прво до петто одделение. Во учебната 2025/2026 година во училиштето има вкупно 19 паралелки во одделенска настава .
Учениците од I до Vодд. наставата ја следат во две смени, а менувањето на смените се врши на секоја недела.
Предметна настава ги опфаќа учениците од шесто до деветто одделение. Во учебната 2025/2026 година во училиштето има вкупно 15 паралелки во предметна настава. Учениците од VI до IX одделение настава ја следат во прва смена.
Часовите во првата смена започнуваат во 8:00 часот, а часовите во втората смена започнуваат во 12:45 часот. Наставниот час трае 40 минути.

8.4 Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

	Наставен јазик -македонски-	Наставен јазик -албански-	Наставен јазик -турски-	Наставен јазик -српски-
Број на паралелки	**34**	/	/	/
Број на ученици	**806**	/	/	/
Број на наставници	**62**	/	/	/

8.5 Проширена програма

Согласно Концепцијата за основно образование училиштето организира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редованата настава во согласност со родителите. За потребата од проширена програма спроведена е анкета за родителите. Врз основа на спроведената анкета родителите се изјаснија дека немаат потреба од организација и реализација на проширена програма, што најверојатно се должи на тоа што во училиштето учениците посетуваат целодневна настава, како и дневен престој кој е организиран за учениците од класична настава.
Во нашето училиште повеќе години постои продолжен/дневен престој во кој се опфатени ученици од I до V одд. Дневениот престој го посетуваат ученици по претходно добиена согласност од страна на родителите.
Задачи за работа кои ги реализира дневниот престој се: згрижување на учениците, создавање работни навики, самостојност, проширување на знаењата и помош за успешно совладување на наставниот материјал. Во дневниот престој учениците пишуваат домашна работа, вежбаат, решаваат наставни ливчиња..
Учениците имаат можност за слободно творење по катчиња, играње со дидактички материјал, играње колективни игри, читање и пишување. Се реализираат и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни-едукативни игри.

8.6 Комбинирани паралелки

-Во училиштето не се изведува настава во комбинирани паралелки

8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето се изучува англискиот јазик, како прв странски јазик, од прво до деветто одделение, а како втор странски јазик од шесто до деветто одделение се изучуваат францускиот и германскиот јазик.

Странски јазик	Број на паралелки	Број на ученици
Англиски јазик	**34**	**806**
Француски јазик	**9**	**142**
Германски јазик	**10**	**207**

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Со цел подобрување на квалитетот на наставата, укажување на важноста и значењето на здравјето, унапредување на физичките способности, моторните вештини и знаења кај учениците се спроведува тандем настава по физичко и здравствено образование (тандем часови), за учениците од прво до петто одделение, каде покрај одделенскиот наставник во наставата се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование.

Тандем наставници по физичко и здравствено образование		
Одделенски наставници	**Наставник по физичко и здравствено образование**	**Паралелка**
Тања Горгиева/ Јордан Петрушевски	Марјан Трајковски	I-а
Анетка Трајкова/Анџела Маринковиќ Лазева	Марјан Трајковски	I-б
Андријана Стефановска/ Анета Младеновска	Марјан Трајковски	I-в
Ивана Саздовска Спасиќ/Наташа Атанасовска	Марјан Трајковски	II-а
Благица Илијевска/Марија Мирчевска	Марјан Трајковски	II-б
Гордана Мацкова/ Ирена Тричкова	Марјан Трајковски	II-в
Јулијана Печевска	Златко Димитров	II-г

Маја Питроповска/Марија Лефковска	Златко Димитров	III-а
Славица Стојаноска/ Елена Мисајловска	Златко Димитров	III-б
Розета Филькова/Билјана Личкова	Златко Димитров	III-в
Слободанка Басотова	Златко Димитров	III-г
Љубинка Стилковска Петрушева	Бобан Величковски	IV–а
Руменка Дејанова	Бобан Величковски	IV-б
Радица Стоилкова	Бобан Величковски	IV-в
Ана Ристовска	Златко Димитров	IV –г
Тања Гигова	Бобан Величковски	V а
Елизабета Каранфилова	Бобан Величковски	V- б
Елена Боневска	Бобан Величковски	V- в
Марина Јаковиќ	Бобан Величковски	V- г

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна, а ќе ја следат ученици кои се изјаснија по претходно направена анкета. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Во училиштето се организира изборна настава по следните предмети во следните одделенија:

Одделение	Изборен предмет
VI	Етика во религиите Класична култура во европската цивилизација Мултикултурни работилници Религиите во светот Имам права Справување со природни катастрофи Основи на културно однесување Разрешување конфликти
VII	Вештини на живеење
VIII	Нашата татковина Проекти на ликовната уметност
IX	Програмирање

Постапката за избор на слободни изборни предмети

Согласно водичот за слободни изборни предмети при крајот на секоја учебна година, училиштето, наставниците и стручните соработници спроведуваат анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/ темите од секоја категорија на слободните изборни предмети. Анкетата се спроведува во вид на прашалник кој се задава на сите ученици од двата образовни циклуси и се пополнува анонимно. Прашалникот нуди список на поголем број области од кои може да се изведат слободни изборни предмети во рамки на секоја од четирите категории. Резултатите од спроведената анкета се објавуваат на веб страницата или на огласната табла на училиштето за да бидат видливи за учениците и за родителите/старателите. Врз основа на добиените резултати се формираат листите на слободни изборни предмети за двата образовни периоди , при што посебно се внимава: да се вклучат сите предмети што ги покриваат подрачјата/темите за кои искажале интерес најмалку 15 ученици од конкретниот образовен период и во рамки на секоја категорија предмети да има понудено по најмалку три предмети. Листите се објавуваат на веб страницата на училиштето најдоцна до 15 април од претходната учебна година.
Во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети објавена на веб страницата на училиштето, треба да ги избере предметите што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година. Изборот го прави на тој начин што наведува два предмета од различни категории што му се прв избор и други два предмета од истите или други категории што му се втор избор. Тоа овозможува училиштето да ги распореди слободните изборни предмети по полугодија и да ги распореди учениците по групи врз основа на првиот избор, а да го земе предвид вториот избор доколку нема доволен број заинтересирани ученици за формирање група за конкретен изборен предмет во тековната учебна година или доколку училиштето не може да обезбеди соодветни просторни услови за реализација на конкретен изборен предмет.

Постапката за избор на изборните предмети се изведува согласно следната процедура:

При определување за изборни предмети во училиштето се спроведуваат следните постапки:

- изготвување анкетни листови за учениците и родителите со понудени најмалку три изборни предмети, соодветни на одделението;
- анкетните листови содржат информации за наставните цели на изборниот предмет и темите кои ќе се обработуваат;
- презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред родителите на родителска средба;
- спроведување на анкета за родителите за определување на изборен предмет;
- обработка на податоците од спроведената анкета од страна на одделнските наставници и одделенските раководители на ниво на паралелка;
- изготвување извештај за изборните предмети на ниво на училиште од страна на стручните споработници и негово презентирање на наставнички совет;
- информирање на родителите и учениците за застапените изборни предмети;
- формирање групи од намалку 15 ученици од една или повеќе паралелки за следење на наставата;
- изборот на наставниците кои изведуваат настава по изборните предмети се прави согласно нормативите за наставен кадар даден во наставните програми од МОН и БРО

8.9 Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од VII до IX оддление, а кај учениците од I до VI одделение по потреба.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни особености и потреби. За дополнителна настава, образовните групи ќе се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени потешкотии кај поедини ученици.

Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред се индивидуална форма на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите.

Реализацијата на додатната настава се евидентира во електронски дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник и во годишниот распоред на училиштето.

8.10 Додатна настава

Основна цел на додатната настава е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од VII до IX оддление, а кај учениците од I до VI одделение по потреба.

За учениците кои во текот на задолжителната настава и низ другите воспитно-образовни активности покажуваат зголемен интерес и значителни резултати ќе се организира додатна настава по одделни предмети. Наставникот е должен да им ја понуди програмата за додатна настава на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат истата.

Реализацијата на додатната настава се евидентира во електронски дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник и во годишниот распоред на училиштето.

8.11 Годишна програма за работа со надарени деца

Потребата за прецизирање на поимите: надареност, талент и креативност се повеќе е изразена во современата литература. Имено, современите автори сметаат дека најопшт поим е надареноста, а креативноста е негова компонента. Според овие научни сознанија постојат следниве дефиниции:

*** Надареност**- склоп на особини, врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигнува исклучително високи резултати во едно или во повеќе подрачја на човековата дејност. Тој склоп особини го чинат: општи и специфични способности, креативност и сплет на бројни карактеристики на личноста и мотивацијата.

* **Креативност** - способност за дивергентно мислење, која овозможува да се најде ново решение на некој проблем и да се создаваат оригинални продукти.

*** Надарено дете** најчесто се употребува за оние деца кои на продуктивен или репродуктивен начин постигнуваат натпросечни резултати во една или повеќе области од човековата дејност. Тие поседуваат таков склоп на особини или таква комбинација на способности за определен вид на дејност, што им овозможува во континуитет да постигнуваат супериорни резултати во однос на другите деца, па затоа надарените се одликуваат со висок степен на творештво. Поединецот може да

биде надарен, но не и високо креативен, односно да постигнува високи резултати на репродуктивно ниво.

*** Талентот** е врзан за способности во една потесна област (математика, физика, танц, музика) и всушност е диспозиција, која треба да се развива со упорна работа. Може да се заклучи дека надареният поединец не мора да биде талентиран, но талентираниот секако дека е надарен. Најчесто надарените лица поседуваат определена креативна способност,според тоа креативноста е компонента на надареноста.

Карактеристики на учењето	✓ поседува многу знаења и умеења од различни области, ✓ чита книги наменети за поголема возраст, ✓ поседува необично богат речник ✓ зборува течно и концизно, ✓ има способност за одлична перцепција, ✓ ги разбира сложените предмети и појави, ✓ во изложувањето може да го одделни битното од небитното, ✓ брзо ги согледува фактите и лесно ги сфаќа основните принципи, ✓ не избегнува тешки и компликувани задачи, ✓ поседува вештини за критичко мислење и самокритичност,
Карактеристики на творештво	✓ постојано поставува многу прашања за различни нешта, ✓ не ги прифаќа изјавите на авторите без критичка проверка, ✓ создава голем број идеи и решенија за поставениот проблем, ✓ прифаќа ризици и опасни потфати при решавање на проблемот, ✓ често нуди необични, оригинални решенија на стандардни проблеми, ✓ се занимава со прилагодување, подобрување и модификување на начело, предмет или систем, ✓ не е конформист и не се плаши да биде различен од другите, ✓ покажува смисла за хумор и сатира,
Мотивациони карактеристики	✓ нема потреба од надворешна мотивација, ✓ се интересира за прашања за кои се интересираат возрасните, ✓ си поставува себе си високи развојни цели и се стреми кон совршенство, ✓ потполно се посветува на преферираните задачи, ✓ не е задоволен со рутински, неинвентивни работи, ✓ сака да работи независно, без помош од возрасните, ✓ во своите изјави е непопустлив, одлучен и истраен,
Социјални карактеристики	✓ добро соработува со околината, ✓ презема должности и одговорности, ✓ се прилагодува на нови услови и социјални ситуации, ✓ поборник е за демократски и рамноправни општествени односи, ✓ е самосвесен, има доверба во себе и тоа јавно го искажува, ✓ може да се соживее со проблемите на другите и затоа е отворен за решавање на политички и социјални прашања, ✓ сигурен е во работи кои бараат планирање и организирање.

Идентификација на надаредите ученици

Што подразбираме под идентификација?

-мерење на степенот на развиеност на особините на индивидуата,

-проценка на особините на поединецот и

-проценка на духовните и материјалните производи на ученикот.

Тоа значи дека секој ученик што наставникот ќе го препознае како надарен ученик, понатаму тој надарен ученик ќе подлежи на тестирање со психолошки мерни инструменти. Кои постапки и какви извори се применуваат за тоа, најдобро може да се види од следниов преглед:

1- Постапка- Проценување на надареност.

Извори на податоци:

а) родители на учениците

б) наставници
в) соученици
2- Постапка- Евалуирање на квалитетот на ученички творби, изведби, постигнати резултати во учењето.
Извори на податоци:
а) успех во спотски активности
б) литературни и ликовни творби на учениците
в) успех во одделни наставни подрачја
г) музички изведби
3- Постапка- Тестирања на способностите, особини на личноста и знаењата на учениците.
Извори на податоци:
а) тестови на интелигенција
б) тестови на посебни интелектуални способности
в) тестови за испитување на креативноста
г) тестови за испитување на личноста
д) тестови на знаења
ѓ) тестови на музикалност, кои се одвиваат преку- пеење на песнички, тестирање на чувство за ритам, слушање.
4- Постапка- Анкетирање.
Извори на податоци:
а) анкетни листови
б) стандардизирани и нестандардизирани интервјуа.

Овие техники ќе ја сочинуваат батеријата за откривање на надарени ученици. Тие во основното училиште најчесто покажуваат надпросечни резултати. Идентификацијата не треба да биде ниту еднострана (идентификација која се врши со помош на само една постапка), ниту пак еднократна работа (идентификација која се врши само еднаш, на една возраст). Нејзината суштина е повеќекратно испитување и утврдување на способностите на учениците во текот на подолг период, со применување на разновидни дијагностички постапки. Идентификувањето на надарените ученици за определени области или дисциплини може исто така успешно да се остварува со организирање на натпревари или пак по пат на приемни испити.

Работата со надарени деца е доста специфична и комплексна задача за наставникот. За организирана и ефикасна работа со надарените ученици, училиштето постапува според одредена Процедура за работа со надарени ученици:

- ✓ Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на надарените ученици;
- ✓ Стручните соработници преку разговори со одделенските наставници/раководители ги идентификуваат надарените ученици;
- ✓ Идентификација на надарените ученици се врши преку прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик;
- ✓ Задавање на нестандардизирана Пронад скала за процена на особините на надарените ученици (особини на учење и водство, мотивациски и креативни особини)
- ✓ Задавње на соодветни мерни инструменти за проценка на специфичните способности на надарените ученици;
- ✓ Планирање и организација на поучувањето на овие ученици;
- ✓ Проширување на програмите за работа со соодветни содржини прилагодени кон потребите на надарените ученици;
- ✓ Континуирано се следи вклученоста на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности;
- ✓ Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно консултативна работа со нив, наставниците и

нивните родители/старатели;
✓Во текот на учебната година , по завршување на секој класификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овие ученици;
✓Вклучување на надарените ученици во активности од локалната заедница.

Форми за работа со надарени ученици

- ✓ Групирање во редовни паралелки и редовни паралелки со подгрупи
- ✓ Групирање во редовни паралелки до додатна настава
- ✓ Групирање во индивидуализирани паралелки
- ✓ Хомогено групирање во одделенија.
- ✓ Групирање во специјализирани паралелки.
- ✓ Групирање во специјализирани училишта.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:
курсеви, семинари, трибини, летни и зимски школи, дописни школи, натпревари итн. Притоа, видот на организацијата, најчесто ги детерминира времетраењето и динамиката на работа со надарените ученици, критериумите за вклучување во нив и изборот на едукаторите. Исто така се реализира и преку:
+-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности ;
-додатна настава
-проектни активности;
-слободни ученички активности;
-организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници.

8.12 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование како еден од аспектите на социјалната инклузија има значење на најважен облик на општествена еднаквост и прифаќање. Тоа е образование насочено кон различните барања и потреби на сите ученици, со особен акцент на оние деца и групи подложни на социјална исклученост и маргинализација, а со тоа и обесправени и високо ранливи. За успешно спроведување на инклузивното образование и согласно Законот за основно образование (член 16) директорот на училиштето формира Училишен инклузивен тим. Училишниот инклузивен тим креира политика за успешна инклузивна култура и пракса, дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби, ги детектира потребите на наставниот кадар за професионален развој и оспособување за работа со учениците со ПОП, дава поддршка на родителите и соработува со локалната заедница.

Училишен инклузивен тим		
1.	Лилјана Стефановска	Директор
2.	Билјана Теовска	Дефектолог
3.	Биљана Василевска	Педагог
4.	Ана Андоновска	Одд. наставник
5.	Тоше Трајковски	Предметен наставник
6.	Мартина Бојковска	Родител
7.	Александра Спасовски	родител

На почетокот на секоја учебна година за секој ученик со посебни образовни потреби директорот формира Инклузивен тим на ученикот (член 16 од Законот за основно образование) составен од сите наставници кои реализираат настава во паралелката на ученикот, дефектологот, педагогот/психологот, еден од родителите на ученикот и образовниот асистент. Инклузивниот тим за ученикот согласно програмата за работа, на почетокот на учебната година (септември) врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот во рок од 30 дена од денот на започнувањето на наставата на ученикот изготвува индивидуален образовен план/модифицирана програма. За учениците со ПОП тимот за инклузија на ученикот изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со неговите можности, способности и интереси. За учениците со комплексни пречки Тимот за инклузија на ученикот изготвува модифицирана програма. Модифицираната наставна програма е наменета за ученици со комплексни потреби кои имаат повеќе степени тешкотии, повеќестепени нарушувања, повеќе дијагнози, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и поддршка. Со модифицираната наставна програма се определуваат резултатите од учењето базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи. Модифицираната наставна програма се изработува за секој воспитно-образовен период на основното образование Во изготвувањето на ИОП-от/модифицираната програма за ученикот со посебни образовни потреби се водиме и од препораките на Стручното тело за функционална проценка. Училишниот инклузивен тим остварува редовни состаноци и за истите води записници. Училишниот инклузивен тим и тимовите за инклузија на ученикот во работата со учениците со ПОП добиваат поддршка и од ОУРЦ „Иднина“.Согласно Упатството за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и другите основни училишта УИТ секоја година врши писмено побарување за услуги до ОУРЦ „Иднина“ за услуги потребни во текот на учебната година (обезбедување образовни асистенти, наставни материјали, наставни средства и асистивна технологија, стручна поддршка/обуки на воспитно-образовниот кадар, соработка при реализирање на делови од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби кои еден дел од програмата ја реализираат во основно училиште со ресурсен центар или центар за поддршка на учењето итн). УИТ својата работа ја усогласува со постоечките законски акти и интерните процедури (процедура за идентификација на ученици со посебни образовни потреби, процедура за изготвување индивидуален образовен план и модифицирана наставна програма за ученици со посебни образовни потреби, процедура за постапување во случај на отсуство на образовен асистент на ученик со попреченост, процедура за организирање настава во домашни услови). Согласно член 60 од Законот за основно образование при запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост, за дополнителна образовна поддршка. Учениците со посебни образовни потреби/потешкотии се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители. Доколку родителот не достави мислење, а Комисијата за

запишување во училиште забележи одредена развојна попреченост кај детето го упатува родителот во Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас или стручното тело за проценка, со цел утврдување на потребните мерки за поддршка на ученикот. Учениците со потешкотии во учењето, се идентификуваат и преку следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и во консултации со стручните соработници. За овие ученици се изготвува Програма за општа поддршка во која се определуваат мерки за општа поддршка на ученикот со потешкотии во учењето.

Училиштето располага со Ресурсна соба за ученици со посебни образовни потреби опремена со асистивна технологија, дидактички материјали и мебел прилагоден на потребите на овие ученици со што им се овозможуваат подобри услови за престој и напредок на учениците со посебни образовни потреби.

Програмата за работата на училишниот инклузивен тим дадена е во прилог бр: 13

8.13 Туторска поддршка на учениците

На почетокот на учебната година училиштето ги информира родителите/старателите на учениците од шесто до деветто одделение за можноста за дополнителна поддршка - подучување на нивните деца од страна на тутор-волонтер по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето. Дополнителната поддршка се реализира по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Тутор-волонтер е редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми за избор за тутор-волонтер. Училиштето нуди помош и поддршка на родителите/старателите при избор на тутор-волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство која содржи дата база на одбрани студенти - тутори.

8.14 План на образовниот медијатор

На почетокот на учебната година училиштето врши процена за потребата од ангажирање на образовни медијатори за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем и најдоцна до 15 септември доставува барање до Министерството за образование и наука. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците и презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците Роми.

План на образовниот медијатор	
Степен на образование	Средно образование (студент)
Звање	Ромски образовен медијатор за општина Гази Баба
Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор	Ангажман за период од 10 месеци
Планирани активности на образовен медијатор	Соработка со стручно педагошка служба на основните училишта, соработка со родителите за нивна мотивација и подршка за вклучување на нивмите деца во образовен процес, работа на терен за идентификација на не редовни ученици Роми од прво до девето одделение, идентификување на учениците кои се повратници од странски земји и преземање мњрки за нивно враќање во образовен процес.
Цели на образовен медијатор	Вклучување на што поголем број на ученици Роми во образовен процес, редовна соработка со стручно-педагошка служба и наставници за подобрување на постигањата на ученици Роми, намалување на осипување / откажување од воспитно-образовниот систем на учениците Роми, зајакнување на комуникацијата меѓу ученици Роми и припадниците на другите заедници.
Име и презиме на одговорно лице кој ќе ги следи активностите на образовниот медијатор	Сузана Шабани

9.Воннаставни активности

Наставните и воннаставните активности претставуваат исклучително важен дел од целината на воспитно-образовниот процес и придонесуваат ученикот да се развива во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.

За развивање на различни интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот.Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште, се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.

Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободно време, развивање на активен ученички живот,

зголемување на интересите и способностите и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за подобар физички и интелектуален развој. Во рамките на воспитно -образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности.
При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја:
1. Личен и социјален развој;
2. Демократска култура, мултикултура и граѓанство;
3. Уметничко изразување и култура
4.Претприемништво и финансиска писменост.
Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците.Истите се инклузивни и недискриминативни, привлечни се за повеќето ученици, обезбедуваат активно учество на учениците, развиваат интеркултурни компетенции кај учениците и ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.

Родителите треба да бидат вклучени во формирањето на листата на воннаставни активности што ќе ги нуди училиштето, како и во изборот на оние што ќе ги реализира. Родителите имаат учество во изборот на конкретната воннаставна активност во која ќе учествува нивното дете.
Во реализацијата на воннаставните активности освен родителите може да бидат вклучени и други припадници на локалната заедница како на индивидуално ниво, така и на ниво на институција (како, на пример, градинка, дом за згрижување стари лица, културен дом) или организација (како, на пример, невладина организација или друг вид здружение на граѓани).

Воннаставните активности според должината на времетраењето можат да бидат:
-краткотрајни воннаставни активности (излети и екскурзии; еднократни работилници и акции во училиштето или заедницата) и
-подолготрајни воннаставни активности (секции/клубови; проекти; гостувања на училиштето во рамки на проекти; кампови/школи; ученичко организрање во рамките на училиштето)
Воннаставните активности што се организираат во училиштето се достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Сите ученици се насочуваат и поттикнуваат да учествуваат во нив. Воннаставните активности придонесуваат учениците да развијат верување дека нивните способности не се дадени еднаш засекогаш и дека можат да се развиваат со труд и работа врз себе.
Програма за воннаставни активности е дадена во прилог бр 20

9.1 Училишни спортски клубови

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура. Спортските активности, игрите, гимнастиката ги задоволуваат потребите за физичка активност кај учениците. Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град

Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови (атлетика, карате, пинг-понг, шах).

Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје, општина Гази Баба и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.

Цели на училишниот спорт: правилен психофизички развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.

Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност,сила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем. Овие цели се постигнуваат преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос и др.

Евалуација на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоени награди.

Училишниот спортски клуб “ Стив Наумов“ е основан на 29.09.2014 година. Одговорни наставници на училишниот спортски клуб се Дарко Димитријевиќ и Виолета Радулова. Клубот опфаќа повеќе видови на спортови како на пример: одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и спорт по избор. Може да се вклучат деца од сите возрасти. Начинот на финасирење е: самофинасирање (членарина), спонзорство, донации, локална самоуправа.

План на активности							
Активност	**Носители на активности**	**Начин на спроведување-ресурси**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**	**Временска рамка**	**Потребен буџет**
Спортска игра-Кошарка (сите заинтересирани ученици)	Наставници по ФЗО Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) и ученици од предметна настава (6 до 9 одд)	Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година) Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт)	Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници	Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од кошаркарската игра	Наставници по ФЗО Дарко Димитијевиќ Виолета Радулова	Цела година	Обезбедување на начин на финансирање -Членарина од учесниците во спортските школи -Спонзори и донатори Самофинансирање од страна на родителите
Спортска игра-Одбојка (сите заинтересирани ученици)	Наставници по ФЗО Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд)	Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт)	Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници	Поттикнување на интерес кај учениците овој спорт и совладување на основни техники од одбојкарската игра	Наставници по ФЗО Дарко Димитијевиќ Виолета Радулова	Цела година	Обезбедување на начин на финансирање -Членарина од учесниците во спортските школи -Спонзори и донатори -Самофинансирање од страна на родителите
Спортска игра-Ракомет (сите заинтересирани ученици)	Наставници по ФЗО Ученици од најмала возраст (1 до 5 одд) и ученици од предметна настава (6 до 9 одд)	Информирање на сите заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година) Обезбедување на термини во спортска сала (2 термина неделно од секој спорт)	Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници	Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од ракометната игра	Наставници по ФЗО Дарко Димитијевиќ Виолета Радулова	Цела година	Обезбедување на начин на финансирање -Членарина од учесниците во спортските школи -Спонзори и донатори -Самофинансирање од страна на родителите

9.2 Акции

Акциите се воннаставни активности кои се општествено значајни и хумани и во нив активно учество земаат учениците, наставниците, родителите и поширокатa заедница. Акциите имаат за цел да развијат чувство на солидарност и хуманост, демократски вредности, позитивен однос кон работата, чувство на одговорност, подигнување на еколошката свест и зачувување на животната околина.

План на еколошки акции

Активност	Опис на активноста	Носител	Време на реализаија
Подготовка на Програмата за работа	Идентификување и почитување на задачите и активностите кои можат да се реализираат во животната средина и прилагодат кон нашето училиште, со цел подобрување на условите за еколошки развој	Еко одбор – ученици,претставник од бизнис заедница	Јули – Август
Редовени состаноци со Еко одборот и увид во тековните активности и акции	Заштеда на ресурси: вода, струја идр. Естетско разубавување на околината на училиштето и во самото училиште Успешно реализирање на сите еко активности и изготвување на извештаи од истите	Ученици и сите вработени	Во текот на целата учебна година
Редовно обновување и одржување на еко катче	Видно место во училишното фоаје каде посетителите можат да ги видат активностите на учлиштето	Наставници, ученици,координатор	Во текот на целата учебна година
Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма	Реализирање на точки на акција од четирите еко стандарди во редовната настава по сите предмети во текот на учебната година	Директор, координатор,наставници,ученици	Август – Септември
Изготвување на план за следење на евалуацијата на активности од еколошката програма	Континуирано следење на активностите предвидени со планот од еколошката програма	Директор, координатор, Еко одбор	Август

Хортикултурно уредување на двор	Разубавување на училишниот двор Естетско уредување на училишниот двор	Ученици, Еко одбор, сите вработени, надворешни соработници	Во текот на целата учебна година
Организирано собирање на пластични шишиња **Организирано собирање на електронсски отпад** **Организирано собирање на потрошени батерии**	Одржување на училишната зграда и здрава средина воучилиштето и надвор од него Зголемување на еко свеста кај учениците и развивање на здрави навики	Ученици, Еко одбор, хаусмајстор	Во текот на целата учебна година
Организирано собирање на пластични капачиња	Поттикнување на учениците да делуваат и хумано и да ја исчистат својата околина од пластични капачиња	Ученици, Еко одбор, хаусмајстор	Во текот на целата учебна година
Организирано уредување на еко-градина во еко –коцка (засебен дел од училишниот двор)	Да се поттикнат учениците сами да го осмислат организираат и засадат екокатчето –еко градина	Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите вработени, родители,	Во текот на целата учебна година
Одбележување на значајни датуми од областа на екологијата	Да се одбележат значајните датуми од од оваа област кои се календарски застапени во периодот од септември до јуни, а посебно 16. септември - светски ден за заштита на озонската обвивка 22. септември - европски ден без автомобили 26. септември - светски ден за чисти планини 8. октомври –меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата 15. октомври – меѓународен ден на пешаците 16. октомври – меѓународен ден на храната	Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите вработени, родители, медиуми, локална самоуправа....	Во текот на целата учебна година

	5. март –светски ден за заштеда на енергија 22. март - светски ден за заштита на водата 22. април - Ден на планетата Земја 15. мај - Интернационален ден на акција за клима 31. мај –светски ден против пушењето 05. јуни - светски ден за заштита на животната средина Да се обезбедат пригодни презентации, предавања, изложби.....		
Редовно информирање за еко активностите на веб страната на училиштето и запознавање со резултатите	Одржување на училишната веб страна и збогатување со нови информации и фотографии	Ученици, Еко одбор,Еко координатор	Во тек на учебна година
Соработка со фирми (колективни постапувачи за пластичен и електронски отпад и батерии) и медиуми	Организирани акции за подигање на еко свест Медумско презентирање на постигнатите резултати како позитивен пример за останатите врсници	Еко одбор, Еколошката секција,донатори, локална самоуправа, медиуми	Во тек на учебна година
Анализа на состојбата на одбрани теми (1-9)	Добивање јасна слика за еколошката состојба на целото училиште иодредување на приоритети на Еко одбор	- Вработени, ученици	Во тек на учебна година

Тим за следење на акциите: членовите на ЕКО одборот, претставник од Советот на родители

План за организирање базари, хепенинзи

Активност	Опис на активноста	Носител	Време на реализаија
Организирање новогодишен хепенинг	Учество на организирани настани и манифестации	Наставниците, учениците од I-IX одд, родителите	декември
Организирање велигденски базар	Учество на организирани настани и манифестации	Наставниците, учениците од I-IX одд,родителиотте	април

План за организирање хуманитарни акции

Активност	Опис на активноста	Носител	Време на реализаија
Одбележување на „Неделата на борба против гладта“	Организирање на собирна акција) во училиштето Продажба на вредносни купони во соработка со ООЦК„Гази Баба“	Директор Стручни соработници Наставници Членови на ПЦК Претставници од Црвен Крст на Скопје и ООЦК Гази Баба	Октомври
Одбележување на 5ти Декември-Светски ден на волонтерството	Организирање собирна-хуманитарна акција за новогодишни пакетчиња под мотот“Секој може да биде Дедо Мраз“	Директор Стручни соработници Наставници Ученици Родители	
Собирање храна и облека	Организирано собирање на облека и храна и донирање на социо-ранливите семејства	Членови на ПЦК,ученици,наставници,родители	Во текот на годината
Одбележување на Денот на крводарителството	Градење на позитивен став кај учениците кон крводарителството	Членови на ПЦК	17 март

Тим за следење на акциите: Билјана Теовска, претставник од Советот на родители

План за организирање иницијативи

АКТИВНОСТ	ОПИС НА АКТИВНОСТА	НОСИТЕЛ	ВРЕМА НА РЕАЛИЗЦИЈА
Ученичка иницијатива за разрешување на постоечки проблеми во училиштето „Кампања за развивање свест за чување на училишниот мебел и материјали“	-Изработка на постери, флаери -Едукативни предавања и дебати -Промоција на иницијативата во локалната средина	Тим од ученици Ученички парламент Ученик правобранител Директор Стручни соработници Наставници Родители	Во тек на учебна година
Ученичка иницијатива за поддршка на ученици од социјално загрозени семејства	-Изработка на постери, флаери за Кампањата за борба против гладта -Поставување штандови за донирање прехрамбени производи -Селектирање на прехрамбените производи и подготвија пакети -Донирање на пакетите на учениците од нашето училиште и нивните семејства кои во моментов имаат потреба од помош и поддршка -Промоција на иницијативата во локалната средина	Тим од ученици Ученички парламент Директор Стручни соработници Наставници Родители	Во тек на учебна година
Ученичка иницијатива за естетско уредување на училиштето	- Поттикнување на учениците за собирање идеи за естетско уредување на училиштето -Изработка на постер и флаер за иницијативата -Избор на материјали и изработка на еко творби -Еко конкурс -Еко изложба -Промовирање на ученичката иницијатива	Ученички парламент Директор Стручни соработници Тим за естетско уредување на училиштето Наставници Родители	Во тек на учебна година

Ученичка иницијатива за организирање „Денови на науката“	-Поттикнување интерес за науката кај нучениците -Афирмација на постигнувањата	Директор Наставници Стручни соработници Ученици	Во тек на учебна година

Тим за следење на акциите: директор, педагог, дефектолог

10.Ученичко организирање и учество

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката. Демократската процедура за избор на претседател и заменик претседател на паралелката се спроведува во текот на месец септември на одделенските часови.Најнапред пријавените кандидати кои треба да ги задоволуваат критеримите за избор ,доставуваат пријава, мотивационо писмо и листа со потписи за поддршка. Изборот се врши преку тајно гласање, за избран претседател се смета кандидадот кој има освоено најголем број на гласови од вкупниот број на ученици од паралелката, а за заменик претседател следниот кандидат со најголем број на гласови.
Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката ,се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на : прослави и манифестации, екскурзии...еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми.
Заедниците на паралелките се состануваат минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката.На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот.

Програма за работа на заедницата на паралелката е дадена во прилог бр.15

Во нашето училиште *Ученичкиот парламент* активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од II -IX одделение. Активностите на УП се реализираат според годишниот план и програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот, стручната служба и одговорните наставници. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од и начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество на учениците во училиштето-МИО). Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот (по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со културно-забавниот живот, есетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн. Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба постои голема соработка и истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичката заедница на училиштето.
Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

Програма за работа на Ученичкиот парламент е дадена во прилог бр.16

Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Работата на ученички правобранител ја поддржуваат (најмалку) двајца негови заменици. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици е составена од две примарни компоненти:
1.Промовирање на детските права.
Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфоденови итн.). Ученичкиот правобранител и неговите заменици во текот на учебната година организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Ученичкиот

правобранител подготвува извештаи (полугодишен и годишен) во кои ќе ги сумира поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците.

2. Поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.
Ученичкиот правобранител е задолжен да го препознае прекршувањето на детските права и прибира поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање. Ученичкиот правобранител подготвува и доставува приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до училишниот одбор.
Ученичкиот правобранител во текот на учебната година одржува редовни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученичкиот правобранител учествува во работата на Ученичкиот парламент и другите тела на училиштата на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

Програма за работа на ученичкиот правобранител е дадена во прилог бр. 17

План за работа на ученичкиот Парламент

Задачи	Активности	Очекувани резултати/исход	Месец на реализација	Носители на активноста
Формирање ученички тела	Избор на претседател и заменик претседател во паралелките Избор на членови во постојани и повремени тела	Избрано раководство на паралелката (демократско учество на учениците) Формирани повремени и постојани тела	септември	Одделенски/класен раководител, ученици
Дефинирање на обврските на учениците во ученичките тела	Задавање задолженија на членовите на ученичките тела	Изготвен протокол за работа на ученичките тела	Септември	Одделенски/класен раководител, ученици
Формирање и функционирање на Ученичкиот парламент	Дефинирање на улогата и одговорностите на УП	Прифатени одговорности и задачи	Септември	Одговорни наставници на УП, ученици
Покренување ученичка иницијатива за разрешување на постоечките проблеми во училиштето	Развивање на чувство на одговорност преку заедничко учество во решавање на постоечките проблеми	Разрешени постоечки проблеми во училиштето	септември-декември	Директор, стручни соработници, наставници, родители тим од ученици
Формирање клуб за учење и дружење	Опремување и уредување на просторијата на клубот за учење и дружење	Опремен и уреден клуб за учење и дружење Развиена соработка и врсничка поддршка	септември-декември	Директор, стручни соработници, наставници, родители, тим од ученици

	Промовирање на врсничката соработка и поддршка преку воннаставни активности			
Покренување иницијатива за поддршка на соучениците од ромска етничка заедница	Изготвување предлог иницијатива до градоначалникот за поддршка на учениците од ромската заедница врз основа на добиените согледувања и заклучоци	Поддршка на учениците од ромска заедница	септември-декември	Директор, стручни соработници, наставници, родители, тим од ученици
Раководство на УП (избор на членови во Совет на родители и Наставнички совет)	Избор на раководството на УП	Развивиена објективност и колективност	Октомври	Одговорни наставници на УП, ученици
Избор на Ученички правобранител	Дефинирање на задачите и обврските на Ученичкиот правобранител	Изработка на план за работа на Ученичкиот правобранител	Октомври	Одговорни наставници на УП, ученици
Хуманитарна акција по повод 16 Октомври „Денот на гладта“	Акција за собирање храна	Развиена свест кај учениците за проблемот со гладта и помагање на социјално загрозени семјества	Октомври	Дефектолог Билјана Теовска, наставници, ученици
Одбележување на Денот на училиштето	Свечена приредба	Развиено чувство за организација и учество Почит кон делото на борците	октомври	Наставници, ученици

Предавање на тема: Стилови на учење	Оспособување на учениците за препознавање на сопствениот стил на учење Подобрување на успехот на учениците	Подобрен успех на учениците	Октомври	Стручни соработници, ученици
Предавање на тема: Врсничка поддршка и соработка	Подигање на свеста за прифаќање на различностите Подобрување на постигањата кај сите ученици Поттикнување и унапредување на инклузивната клима во училиштето и училницата	Развиена свест за различностите Повисоки постигања кај сите ученици Унапредена инклузивна клима во училиштето и училницата	Ноември	Стручни соработници: педагог и дефектолог
Одбележување на 20 Ноември-„Светски ден на детето“	Работилница за детските права	Почитување на детските права	Ноември	Наставници, ученици
Новогодишна магија во училиштето	Украсување на училиштето	Развиена соработка и комуникација помеѓу учениците и наставниците Развиена креативност кај учениците	декември	Наставници, ученици

Анализа на постигнатиот полугодишен успех во прво полугодие и запознавање со педагошките мерки	Разгледување на полугодишните извештаи за постигнатиот успех Презентација за педагошите мерки	Зголемена мотивација кај учениците за постигнување подобар успех во второ полугодие	Јануари	Одговорни наставници, стручни соработници, ученици
Одбележување на 8 Март- „Меѓународниот ден на жената“	Литературно читање Ликовна изложба	Согледана важност на улогата и придонесот на жената во општеството Искажана љубов и благодарноста кон мајката	Март	Наставници, ученици
Посета на Ботаничка градина	Запознавање со различните видови растенија кои живеат на едно место	Стекнати знаења за различните видови растенија кои живеат на едно место	Март	Наставници, ученици, родители
Одбележување на 21 Март- „Денот на пролетта и екологијата“	Подигнување на свеста за заштита на околината	Подигната свест за чување и заштита на околината	Март	Наставници и ученици, родители
Одбележување на 22 Април- „Денот на планетата Земја“	Создавање свесност, одговорност и работни навики за заштита на планетата Земја	Подигната свест, создадени одговорности и навики за заштита на планетата Земја	Април	Наставници и ученици
Одбележување на 23 Април- „Светскиот ден на книгата“	Развивање љубов кон книгата	Развиена желба за читање и творење	Април	Наставници, библиотекар, ученици

Реализирање спортски натпревари во рамките на училиштето	Меѓуодделенски натпревари	Развиен интерес кон спортот, развиен натпреварувачки дух и другарството	Мај	Наставник по физичко и здравствено образование Виолета Радулова, ученици
Поднесување извештај од работата на УП	Презентирање на спроведените активности	Согледани резултати од работата на УП	Јуни	Одговорни наставници, ученици

Одговорни наставници:
Благица Илијевска- одделенски наставник
Софија Петроска – наставник по француски јазик

Годишна програма за работа на Детска организација

Детската организација е воспитно–образовна организација од доброволен карактер на учениците во ООУ „Стив Наумов“ – Скопје. Цел на оваа организација е зајакнување на свеста за потребата од вклучување на сите деца во задолжителниот процес на образование преку организирање и поттикнување на општествено-образовниот и на општествено-забавниот живот во училиштето.

Поставените цели на Детската организација при нашето училиште ќе бидат реализирани преку следниве подрачја:

Едукативни активности – Истакнување и промовирање на детските права од „Конвенцијата за правата на детето“ при ООН; развивање патриотски чувства - љубов и почит кон татковината и кон нашиот патрон, Стив Наумов; мотивација и поддршка за членувањето на учениците во слободните ученички активности преку кои тие ќе ги изразуваат афинитетите кон омилените наставни предмети, наставни теми или наставни содржини, како и вклучување на учениците и нивно учество на пригодни приредби и во разновидни воннаставни активности, базирајќи се на принципите на мултикултурализмот за соживот и за соработка меѓу учениците од различни етнички заедници. Детската организација, исто така, ќе ги поддржува учениците и при нивното учество на ученички натпревари. За одбележување на значајни датуми и празници ќе се организираат пригодни реферати/пригодни приредби преку разглас, а за проширување/продлабочување на знаењата кај учениците корисни предавања од едукативен карактер за современи општествени теми или на теми во корелација со наставната програма и со воспитно-образовниот процес. Тука би ги вклучиле различните НВО, кои работат на истоимената проблематика, и стручни лица – професионалци во својата област, лица од локалната средина (заедница), од редовите на родителите на учениците или самите ученици.

Забавно – спортски активности – Организирање училишни забави во соработка со наставниците и со Советот на родители; организирање спортски активности и учество во истите на ниво на училиште или на ниво на општина (грижа за физичкиот развој на секој ученик); вклучување во активности од уметничко-креативен карактер и уметнички изложби (базари) како поттик за творештво кај учениците.

Хуманитарни активности – Развивање чувства на хуманост, солидарност, конклузивност, заедништво, другарство и поддршка. Поради поддршка и развивање на хумани вредности и на позитивни човечки особини кај учениците, кои се и ќе бидат дел од нашето општество, ќе се организира и ќе се поттикнува учество во хуманитарни акции и акции на солидарност организирани од училиштето, од локалната самоуправа или од други здруженија и организации.

Секоја активност од Распоредот на активности ја организира наставникот-координатор на Детската организација, како носител на активноста, а по потреба и во соработка со другите наставници согласно целта на активноста и согласно возраста на учениците коишто ќе бидат вклучени во истата.

Предвидените активности на Детската организација при нашето училиште ќе се реализираат во целост, но не се исклучува и можноста одредени да бидат подложни на

промени, а истите ќе зависат од околностите, од техничко-материјалните услови и можности и од соработката со одговорните и надлежни лица. Исто така, можно е тековно да се реализираат содржини и активности кои не се предвидени во оваа програма, а се од едукативен карактер, достапни и корисни за учениците и за нивниот когнитивен, психофизички и социо-емоционален развој.

Содржина	*Цел*	*Месец*	*Носител на активност*
Пригодна приредба по повод првиот училиштен ден (прием на првачиња)	Поттикнување весела атмосфера при приемот на првачињата во нивниот втор дом; Развој и негување на правилен однос кон училиштето и кон другарство.	**IX** **X** **X**	Детска организација
5 Октомври – Светски ден на учителите (Teachers' Day)	Развивање чувство на почит кон благородната работа, трудот и ангажманот на учителите.	**X** **X**	Олга Добревска, наставници и ученици од IV одделение (членови на Детска организација)
Одбележување на Детска недела: Детска организација –формирање, цел, задачи и активности	Запознавање на учениците со целите и со активностите на Детската организација; Развивање чувство на солидарност.	**XI** **XI**	Детска организација
Свечена приредба за прием на првачињата во Детска организација	Зачленување во Детската организација; Правилен однос кон детето и запознавање на првачињата со основните детски права и должности.	**XI**	Детска организација во соработка со одделенските наставници
Патронен празник на ООУ „Стив Наумов“ – Ден на училиштето	Вечен спомен, развивање чувство на почит и на благодарност кон ликот и делото на нашиот патрон Стив Наумов.		Ученици-членови на Детска организација заедно со одговорните наставници
13 Ноември - Денот на ослободувањето на градот Скопје	Проследување на историјата на нашиот колективен дом – Скопје; Почит кон борците за слобода и значењето на празникот.		Наставници и ученици од III одделение, членови на Детска организација
			Членови на Детската организација (ученици и наставници од одделенска настава)
„Златно славејче“ – музички фестивал на детски песни	Продолжување на традицијата за посета на ова музичко обележје на нашиот главен град; Развој на музичката култура кај најмладите.		
20 Ноември - Одбележување на Светскиот ден на детето	Да се развиваат љубов и почит кон децата.	**XI**	Детска организација и одд.наставници со учениците

3 Декември – Меѓународен ден на лицата со попреченост	Да се истакне важноста од активно и рамноправно вклучување на лицата со попреченост во општествените сфери на живеење и работа.	**XII**	Детска организација и одделенски и предметни наставници со учениците
8 Декември – Св. Климент Охридски	Вреднување на просветителската дејност и делата на Св.Климент Охридски; Љубов и почит кон ликот и делото на Св.Климент Охридски.	**XII**	Членови на литературната секција и одговорните наставници, Детска организација
Уредување и украсување на училишниот ентериер со уметнички изработки во зимски и новогодишни мотиви од училишните секции	Развивање на креативноста и на уметничкиот порив кај учениците; Создавање потопол училишен ентериер.	**XII** **II** **II** **XII**	Членови на Детската организација и претставници од училишните секции со одговорните наставници
8 Март – одбележување на Денот на жената	Да се спознае еднаквоста помеѓу жената и мажот; Изразување љубов и почит кон жената-мајка-сестра-баба.	**III** **III**	Детска организација, Магдалена Јаневска Ученици и наставници вклучени во проектот „Интегрирање на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ (членови на ДО)
21 Март - Ден на Екологијата и Ден на пролетта	Подигнување на еколошката свест кај учениците за заштита на животната средина и љубов кон природата.		
Априлијада – Ден на шегата и организирање маскенбал	Развивање на чувство за хумор, креативност и творечка фантазија; Поттикнување на весело расположение; Соработка со локалната самоуправа.	**IV**	Раководство и членови на Детска организација Ученици со своите наставници
7 Април – Светски ден на здравјето	Подигнување на свеста за грижа за сопственото здравје и за здравјето на другите околу себе; Истакнување на потребата од редовни лекарски прегледи.	**IV**	Детска организација и одделенски и предметни наставници со учениците
4 Мај – одбележување годишнина од смртта на Гоце Делчев	Љубов и почит кон ликот и делото на македонскиот револуционер Гоце Делчев.	**V** **V**	Членови на Детската организација и историската секција (Тоше Трајковски)
24 Мај - Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј (одбележување)	Мисијата на светите браќа и осознавање на величината на нивното дело, како и градење почит кон истото.	**VI**	Валентина Соколова, Детска организација

Одговорни наставници **:** Елизабета Каранфилова – одделенска настава
Бојана Митевска – предметна настава

11.Вонучилишни активности

11.1 Програма за планирани екскурзии и излети во учебната

Со Годишната програма за работа на ООУ„Стив Наумов“ во учебната 2025/2026 година, се предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на Република Северна Македонија, зацврстување на другарството и взаемното почитување, градење патриотски чуства, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен), настава во природа за учениците од V одделение, еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение.

Во зависност од интересите на учениците и согласно временските услови можни се промени во планот за изведување на екскурзиите.

План на ученичките екскурзии и излети

Програмска содржина	Одделение	Време на изведување	Очекувани резултати
Еднодневен есенски излет парк-шума „Гази Баб“	I - IX одд.	Септември/ Октомври	Другарување, социјализација, непосредно запознавање со природното, културно-историското богатство и развивање на еколошка култура
Еднодневен пролетен излет СРЦ-Сарај	I - IX одд.	Мај/Јуни	Одмор, рекреација, социјализација, другарување и развивање на еколошката свест
Еднодневна екскурзија Североисточна Македонија- Крива Паланка	III одд.	Април/Мај	Другарување, социјализација, проширување на знаењата за природните убавини, стопанските објекти, културно-историските споменици, развивање на еколошка култура
Дводневна екскурзија Источна Македонија- Дојран	VI одд.	Април/Мај	Другарување, социјализација, проширување на знаењата за природните убавини, стопанските објекти, културно-историските споменици, развивање на еколошка култура
Тридневна екскурзија Западна Македонија- Охрид	IX одд.	Април/Мај	Другарување, социјализација, проширување на знаењата за природните убавини, стопанските објекти, културно-историските споменици, развивање на еколошка култура

Настава во природа петдневна-Охрид	V одд.	Април/Мај	Продлабочување и проширување на знаењата, одмор, рекреација, другарување, колективност, подигнување на еколошката свест

ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Одделение: I - IX
Место: парк-шума „Гази Баба“

Воспитно-образовни цели :

- непосредно запознавање со природните убавини и градење на еколошка свест;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;
- спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Задачи:

- развивање интерес за природата, градење и имплементирање на еколошки навики;
- социјализација и колективна заштита на учениците;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Содржина на активности:

- Организирање на спортски натпревари
- Слободни игри

Поаѓање пред училишната зграда во 09:00 часот.
Пристигнување, организирање на спортски активности, разгледување на непосредната околина и други слободни активности.
Враќање пред училишната зграда во 14:00 часот.
Раководител на есенскиот еднодневен излет: Бобан Величковски-наставник по физичко и здравствено образование.
Носители на активностите: учениците од I-IX одделение, одделенските наставници и одделенските раководители.
Времетраење: еднодневен излет од 09:00 до 14:00 часот
Локации за посета и правци на патување: посета на парк-шума „Гази Баба“. Правци на патување**:** ООУ„Стив Наумов“- парк-шума „Гази Баба“ и обратно.
Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. ООУ„Стив Наумов“ се наоѓа на 1 км од парк-шумата „Гази Баба, за пролетниот излет нема да се избира туристичка агенија и родителите немаат финансиски импликации за неговото реализирање.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи.

- За учениците кои не учествуваат во есенскиот еднодневен излет училиштето ќе организира настава.

Одделение	Број на ученици	Одделенски наставник/раководител
I а	25	Јордан Петрушевски/Тања Горгиева
I б	25	Анета Младеновска/ Андријана Стефановска
I в	25	Анетка Трајкова/Анџелина Маринковиќ Лазева
II а	29	Ивана Саздова Спасиќ/ Наташа Атанасовска
II б	27	Благица Илиевска/Марија Мирчевска
II в	29	Гордана Мацкова/Ирена Тричковска
II г	12	Јулијана Печевска
III а	27	Марија Лефковска/ Маја Питроповска
III б	25	Славица Стојаноска/ Елена Стаменковска-Мисајловска
III в	27	Билјана Личкова/ Розета Филъкова
III г	12	Слободанка Басотова
IV а	27	Љубинка Столиковска Петрушева
IV б	28	Руменка Дејанова
IV в	27	Радица Стоилковска
IV г	18	Ана Ристовска
V а	29	Тања Гигова
V б	27	Бети Каранфиловска
V в	26	Елена Боневска
V г	11	Марина Јаковиќ
VI а	29	Татјана Арсова
VI б	29	Марина Грамова
VI в	28	Магдалена Јанковска
VII а	23	Билјана Ристоска
VII б	27	Олга Добревска
VII в	25	Олгица Ристовска
VII г	19	Соња Рулеска
VIII а	21	Благица Блажевска
VIII б	19	Даниела Димишковска
VIII в	25	Валентина Соколова
VIII г	16	Виолета Радулова
IX а	25	Даниела Моневска
IX б	22	Лилјана Трајкова
IX в	24	Владанка Михајловска
IX г	17	Моника Митреска Трајкоска
Вкупно ученици	**806**	

ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Одделение: I - IX

Место: СРЦ- Сарај

Воспитно-образовни цели :

- непосредно запознавање со природните убавини и градење на еколошка свест;

- запознавање со културните вредности, традицијата и обичаите;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;
- спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Задачи:

- развивање интерес за природата, градење и имплементирање на еколошки навики;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- социјализација и колективна заштита на учениците;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Содржина на активности:

- Организирање на спортски натпревари
- Слободни игри

Поаѓање пред училишната зграда во 09:00 часот.
Пристигнување, организирање на спортски активности, прошетка во непосредната околина и други слободни активности.
Враќање пред училишната зграда во 14:00 часот.

Раководител на пролетниот еднодневен излет: Виолета Радулова -наставник по физичко и здравствено образование.
Носители на активностите: учениците од I-IX одделение, одделенските наставници и одделенските раководители.
Времетраење: еднодневен излет од 09:00 до 14:00 часот
Локации за посета и правци на патување: посета на спортско-рекреативниот центар Сарај. Правци на патување**:** н. Автокоманда-СРЦ „Сарај “и обратно.
Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи.
Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

- За учениците кои не учествуваат во пролетниот еднодневен излет училиштето ќе организира настава.

Одделение	Број на ученици	Одделенски наставник/раководител
I а	25	Јордан Петрушевски/Тања Горгиева
I б	25	Анета Младеновска/ Андријана Стефановска
I в	25	Анетка Трајкова/Анџелина Маринковиќ Лазева
II а	29	Ивана Саздова Спасиќ/ Наташа

		Атанасовска
II б	27	Благица Илиевска/Марија Мирчевска
II в	29	Гордана Мацкова/Ирена Тричковска
II г	12	Јулијана Печевска
III а	27	Марија Лефковска/ Маја Питроповска
III б	25	Славица Стојаноска/ Елена Стаменковска-Мисајловска
III в	27	Билјана Личкова/ Розета Филъкова
III г	12	Слободанка Басотова
IV а	27	Љубинка Столиковска Петрушева
IV б	28	Руменка Дејанова
IV в	27	Радица Стоилковска
IV г	18	Ана Ристовска
V а	29	Тања Гигова
V б	27	Бети Каранфиловска
V в	26	Елена Боневска
V г	11	Марина Јаковиќ
VI а	29	Татјана Арсова
VI б	29	Марина Грамова
VI в	28	Магдалена Јанковска
VII а	23	Билјана Ристоска
VII б	27	Олга Добревска
VII в	25	Олгица Ристовска
VII г	19	Соња Рулеска
VIII а	21	Благица Блажевска
VIII б	19	Даниела Димишковска
VIII в	25	Валентина Соколова
VIII г	16	Виолета Радулова
IX а	25	Даниела Моневска
IX б	22	Лилјана Трајкова
IX в	24	Владанка Михајловска
IX г	17	Моника Митреска Трајкоска
Вкупно ученици	**806**	

ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
Североисточна Македонија
Одделение: III

Место: Крива Паланка

Воспитно-образовни цели :

- непосредно запознавање со природните убавини на североисточна Македонија, природните езера, реките, планините, изворите и развојот на туризмот;
- запознавање со културно-историските знаменитости во североисточна Македонија;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на градот Крива Паланка;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците;

Задачи:

- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини;
- изучување и истражување на објекти од историско значење во североисточна Македонија;

- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на градот Крива Паланка и неговата околина;
- социјализација и колективна заштита, меѓусебна почит и позитивен дух кај учениците.

Содржина на активности:

Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект, интервју со кустоси, историчари и др.) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:

- Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 08:00 часот. Се патува преку Куманово со попатен одмор, патот продолжува кон Крива Паланка посета на фабриката за вафли „Плежер“ и манастирот „Св. Јоаким Осоговски“.
- Пристигнување во фабриката во 10:30 часот следува разгледување на фабриката и процесот на производство.
- Групата во 11:30 часот го продолжува патот кон градот Крива Паланка. Следи прошетка низ градот, посета на грдскиот музеј и Кривопаланечката тврдина.
- Во 13:00 часот групата продолжува кон манастирот Св.Јоаким Осоговски. Запознавање на учениците со светилиштето како епархиски резиденцијален манастир на Полошко-кумановската епархија. Посета на манастирот „Св.Јоаким Осоговски“ и црквата на „Рождеството на Пресвета Богородица“ и запознавање со нивното верско, историско и културно значење.
- Поаѓање за Скопје во 15:00 часот во попладневните часови, попатен одмор (Гиновци) и пристигнување во училиштето во 18:00 часот.

Раководител на екскурзијата: Марија Лефковска - одделенски наставник.

Носители на активностите: учениците и одделенските наставници на III-те одделенија: Марија Лефковска, Маја Питроповска, Славица Стојановска, Елена Стаменковска Мисајловска, Розета Филъкова, Билјана Личкова, Слободанка Басотова.

Времетраење: еднодневена екскурзија од 08:00 часот до 18:00 часот

Локации за посета и правци на патување: посета на Крива Паланка, манастирот „Св.Јоаким Осоговски“, црквата на „Рождеството на Пресвета Богородица“, фабриката за вафли „Плежер“. Правци на патување**:** Скопје-Крива Паланка-Скопје.

Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

- За учениците кои не учествуваат во еднодневената екскурзија училиштето ќе организира настава.

Одделение	Број на ученици	Одделенски наставник
III а	27	Марија Лефковска /Маја Питроповска
III б	25	Елена Стаменковска Мисајловска/Славица Стојановска
III в	27	Розета Филъкова/ Билјана Личкова
III г	11	Слободанка Басотова
Вкупно ученици	90	

ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
Источна Македонија

Одделение: VI
Место: Дојран

Воспитно-образовни цели:

- запознавање со културно-историските знаменитости во источна Македонија;
- непосредно запознавање со одликите и природните убавини на Дојранското Езеро, Струмичката Котлина и Тиквешката Котлина;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на источна Македонија ;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците.

Задачи:

- изучување и истражување на објекти од културно и историско значење во источна Македонија;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини на Дојран, Струмица и Кавадарци;
- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на нашата татковина;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Содржина на активности:

Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект, интервју со кустоси, историчари и др.) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:

- **Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 8:00 часот. Посета на Археолошкиот локалитет Водочки манастир „Св. Леонтиј“ и разгледување на градот Струмица. Посета на Колешинските водопади. Пристигнување во Дојран во попладневните часови, сместување во хотел и одмор. Вечера. Организирана забава и ноќевање.
- **Втор ден:** Појадок**,** прошетка покрај брегот на Дојранското Езеро и разгледување на непосредната околина. Ручек. Напуштање на хотелот. Заминување кон Кавадарци и посета на Музејот на град Кавадарци. Заминување кон Градско и посета на археолошкиот локалитет Стоби. Поаѓање за Скопје во попладневните часови со попатен одмор. Пристигнување пред училиштето во 18:00 часот.

Раководител на екскурзијата: Татјана Арсова- наставник по англиски јазик.
Носители на активностите: учениците и одделенските раководители на VI-те одделенија: Татјана Арсова, Магдалена Јанковска и Марина Грамова.
Времетраење: дводневна екскурзија.
Локации за посета и правци на патување: посета на Струмица и археолошкиот локалитет Водочки манастир „Св. Леонтиј“, Колешински водопади, Дојран, Кавадарци, Музеј на град Кавадарци, Градско и археолошкиот локалитет Стоби. Правци на патување**:** Скопје-Струмица-Дојран-Кавадарци-Градско-Скопје.
Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.
Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

- За учениците кои не учествуваат во дводневната екскурзија училиштето ќе организира настава.

Одделение	Број на ученици	Одделенски наставник/раководител
VI а	29	Татјана Арсова
VI б	29	Марина Грамова
VI в	28	Магдалена Јанковска
Вкупно ученици	86	

ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА
Западна Македонија

Одделение: IX
Место: Охрид

Воспитно-образовни цели:

- запознавање со културно-историските знаменитости во западна Македонија;
- непосредно запознавање со одликите и природните убавини на западна Македонија;
- осознавање на значењето на културните и цивилизациските придобивки на Крушево, Охрид и античкиот град Хераклеа Линкестис;
- поттикнување на другарството и социјализација на учениците.

Задачи:

- изучување и истражување на објекти од културно и историско значење во западна Македонија;

- развивање на позитивен однос кон животната средина и природните убавини на Охрид и Крушево;
- градење на чувство за патриотизам и припадност кон културните и цивилизациските придобивки на нашата татковина;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Содржина на активности:

Во текот на целото патување и сите предвидени места за посета ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали со историски содржини од секој посебен објект, интервју со кустоси, историчари и др.) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

<u>ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:</u>

- **Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 08:00 часот. Се патува кон Маврово со попатен одмор во Маврови Анови. Се патува кон Дебар, се посетува Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“ и манастирот „Св. Георгиј Победоносец“- Рајчица. Се продолжува кон Вевчани и се посетуваат Вевчанските извори, се продолжува кон Струга се посетува Спомен домот на „Браќа Миладиновци и се разгледува градот. Се патува за Охрид, пристигнување и сместување во хотел во попладневните часови. Одмор. Вечера, организирана забава и ноќевање.
- **Втор ден:** Појадок и посета на манастирскиот комплекс „Св.Наум Охридски“. Ручек, попладневен одмор. Посета на античкиот театар, Плаошник, Самоиловата тврдина, црквата „Св.Софија“ и прошетка низ градот Охрид. Вечера, организирана забава и ноќевање.
- **Трет ден:** Појадок и напуштање на хотелот. Се патува кон Битола. Во Битола се посетува археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис Се патува кон Крушево. Во Крушево се посетува споменикот „Македониум“ и спомен куќата на Тодор Проески. Во попладневните часови тргнување за Скопје со попатен одмор во Гратско. Пристигнување пред училишната зграда во 18:00 часот.

Раководител на екскурзијата: Лилјана Трајкова - наставник по хемија и природни науки.

Носители на активностите: учениците и одделенските раководители на IX-те одделенија: Даниела Моневска, Лилјана Трајкова, Владанка Михајловска и Моника Митреска Трајкоска.

Времетраење: тридневна екскурзија.

Локации за посета и правци на патување: Гостивар, Маврово, Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“, манастирот „Св. Георгиј Победоносец- Рајчица“, Дебар, Вевчани, Вевчански извори, Струга, Спомен дом на „Браќа Миладиновци, Охрид, манастирскиот комплекс „Св.Наум Охридски“, антички театар, Плаошник, Самоиловата тврдина, црквата Св.Софија, Битола и археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис, посета на Крушево, споменикот „Македониум“ и спомен куќата на Тодор Проески.

Правци на патување: Скопје-Гостивар-Дебар-с.Вевчани-Струга-Охрид-Битола-Крушево-Скопје.

.

Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач, лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

- За учениците кои не учествуваат во тридневната екскурзија училиштето ќе организира настава.

Одделение	**Број на ученици**	**Одделенски раководител**
IX а	25	Даниела Моневска
IX б	22	Лилјана Трајкова
IX в	24	Владанка Михајловска
IX г	17	Моника Митреска Трајкоска
Вкупно ученици	88	

ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

Одделение: V
Место: Охрид

Глобален план за содржините и активностите на наставата во природа	
Македонски јазик	• Изразување и творење- Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината. • Истражувачка активност за Маркови кули. • Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно - историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.). • Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј. • Обработка на песна „Убаво е во Мај“.
Математика	• Мерки - повторување. • Одредување на површина на предмети и делови од природата. • Плоштина и периметар. • Работа со податоци. • Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци).
Историја и општество	• Повторување за културно наследство на РС Македонија. • Квиз:Колку ја познавам РС Македонија.
Музичко образование	• Нарони ора и песни. • Утврдување на темата фолклор „ Јас те пратив на вода Калино“.
Ликовно	• Разгледување и сликање на езерото.

образование	• Ликовно изразување по доживување - слободна техника.
Физичко и здравствено образование	• Натпревар - народна топка. • Фудбал, ракомет. • Елементарни игри.
Културно-забавни активности	• Формирање на одделни ученички единици: литературна, музичка, фолклорна, ликовна и др. • Изготвување План за работа на ученичките интересни групи и План-Програма за вечерни активности (по избор на учениците) • Пеење на изучени песни • Свирење на блок флејти • Слушање (звуци и шумови)
Посети и излети	• Рибарски населби • Посета на историски, културни знаменитости, музеи, спомен куќи и споменици • Посета на блиската околина, населби и сл.
Детска организација	• Изготвување на куќен ред и правила • Распоред за работа, одмор и рекреација • Одржување на лична хигиена • Договор за излети и посети • Дежурства во текот на денот • Уредување и подготвување на ѕиден весник • Формирање на Еколошки патроли • Забележување на народни приказни и легенди од околината • Собирање лековити растенија • Собирање примероци за хербариум и инсектариум
Наставни методи	• Говорна метода • Текст метода • Метод на пишување • Метод на практична работа
Наставни форми	• Фронтална • Групна • Парови • Индивидуална
Методски облици	• Разговор • Дискусија • Анализа • Синтеза
Методски поединости	• Воочување • Идентификување • Издвојување • Подредување • Мерење • Опишување • Толкување • Објаснување • Споредување • Класификацирање • Воопштување

	• Заклучување
Наставни средства	• географска карта на РСМ • авто-карта на РСМ • туристичка карта на РСМ • компаси • печатен материјал: енциклопедии, инструктивни текстови, проспекти, разгледници, слики • фотоапарат, фотофилм, фотографии • нема карта на РСМ • работен прибор
Следење и вреднување	• Квантум на знаења • Постапки на ученикот • Начин на комуникација (вербална и невербална) • Прецизност во усното изразување • Стил и јазик во писменото изразување • Однос кон работата • Естетско обликување на трудот
Методи на оценување	• Усни и писмени одговори на прашања поставени од наставникот • Одговори на есејски прашања • Поставување прашања од соученици и/или одговарање на нив • Читање-изразно/рецитирање • Разговор со/меѓу учениците; • Практични изведби • Драматизирање по улоги • Усни презентации • Есеи изработени вон часот • Писмени извештаи • Проектна работа • Портфолио (досие со трудови на ученикот) • Објективни тестови изготвени од наставникот • Писмена проверка диктат • Самооценување • Анализа и синтеза

- Напомена: Наставните часови ќе бидат реализирани и прилагодени кон активностите и содржините предвидени со програмата за настава во природа. Одделенските наставници ќе изработуваат дневни сценарија за реализираните наставни содржини.
- За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава.

Планирање и организација на настава во природа

Воспитно-образовни цели:

- поттикнување на чувството на самостојност и љубопитност кај учениците;
- стекнување знаења и тие да се употребат во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, експериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- запознавање со природните убавини на околината;

- непосредно запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- истражување на настаните и појавите на животот покрај езеро;
- запознавање со стопанството и културното наследство на Западна Македонија;
- развивање на мисловните и физичките способности кај учениците;
- едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.

Задачи:

- изучување и истражување на природната средина и законитостите што влијаат во Охридскиот регион;
- стекнување и развивање позитивен однос кон животинскиот свет во Охридското Езеро и неговата околина;
- оспособување на учениците за ориентација и движење во природа;
- стекнување и негување хигиенски и работни навики за одржување на личната и општата хигиена на учениците и просторот;
- обезбедување на правилен психо-физички развој како резултат на позитивното влијание од спортските активности и престојот во здрава природна средина;
- другарство, почитување и позитивен натпреварувачки дух меѓу учениците.

Начин на вреднување и користење на резултатите:

Во текот на патувањето, престојот и посета на сите предвидени места континуирано ќе се прати и насочува однесувањето и делувањето на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридското Езеро, индивидуално и групно изложување на претходно подготвени трудови, правење на интервју со стручни лица и жители од околината на Охрид) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

Содржина на активности: Едукација, рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.
Раководител на екскурзијата: Елена Боневска - одделенски наставник.
Носители на активностите: учениците и одделенските наставници на V-те одделенија: Тања Гигова, Елизабета Каранфилова, Елена Боневска и Марина Јаковиќ.
Времетраење: пет дена.
Локации за посета и правци на патување: посета на Велес и спомен куќата на Кочо Рацин, Прилеп и манастирор „Св. Архангел Михаил- Варош, Струга и с.Вевчани, Охрид поста на античкиот театар, Плаошник, црквата „Св.Климент“ и „Св.Пантелејмон“ и Билјанини извори, манастирот Св.Наум Охридски и наколното живеалиште „град на вода“, ХЕЦ Шпиље, Вруток, Тетово и Шарената џамија. Правци на патување**:** Скопје- Велес- Прилеп- Охрид- Струга- с.Вевчани- Охрид- Тетово- Скопје.

Техничка организација: екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и лекар.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите, плаќањето ќе се врши директно на трансакциска сметка на избраната агенција.

ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:

Прв ден: Поаѓање на групата пред училишната зграда во 8:00 часот. Се патува кон Велес се посетува спомен куќата на Кочо Рацин. Се продолжува кон Прилеп со попатен одмор во Градско. Во Прилеп се посетува манастирот „Св.Архангел Михаил"- Варош. Пристигнување во Охрид во пладневните часови и сместување. Ручек. Попладневен одмор. Прошетка и разгледување на непосредната околина. Истражување и прибирање на податоци за животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Пишување на извештај за истражувањето. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден. Организирана забава во согласност со возраста на учениците. Ноќевање.

Дидактички средства и материјали:

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- аудио-визуелни средства – цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- спомен куќата на Кочо Рацин
- манастирот „Св.Архангел Михаил"- Варош
- стручно предавање и разговор со кустос
- флип - хартија
- табла и креда
- спортски реквизити

Корелација со наставни предмети:

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини од другите наставни предмети.

Втор ден: Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Посета на селото Вевчани и Вевчанските извори и разговор со локалното население за начинот и условите на живот во рурална средина. Фотографирање на селото со цел да се запознаат со специфичностите на Вевчанската традиционална архитектура. Разгледување на градот Струга, посета на Спомен куќата на браќата Миладиновци, мостот на поезијата и прошетка по кејот на реката Дрим. Враќање во одмаралиштето. Пишување на извештај за реализираната посета. Учениците се поделени во три групи и секоја група пишува извештај за истражувањата и знаењата до кои ќе дојдат во текот на посетата на селото Вевчани и градот Струга. Ручек и попладневен одмор. Организирање на спортски натпревари. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

Дидактички средства и материјали:

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- аудио-визуелни средства – цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- с.Вевчани
- Спомен куќата на браќата Миладиновци
- стручно предавање и разговор со кустос
- флип – хартија, фломастери

- табла и креда
- спортски реквизити

Корелација со наставни предмети:

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини од другите наставни предмети.

Трет ден: Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Прошетка низ охридската чаршија и запознавање со старите занаети, посета на Националната работилница за рачна изработка на хартија. Разговор и правење на интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Охрид и запознавање со неговите културно-историски карактеристики. Посета на античкиот театар, Плаошник - црквата „Св.Климент“ и „Св.Пантелејмон“, Светиклиментовиот универзитет, стручно предавање и разговор со археолог. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за истражувањата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Прошетка покрај езерскиот брег. Вечера. Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на трите дена. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

Дидактички средства и материјали:

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- аудио-визуелни средства – цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- Археолошки локалитет-Плаошник
- стручно предавање и разговор со археолог
- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- спортски реквизити

Корелација со наставни предмети:

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини од другите наставни предмети.

***Четврт ден*:** Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Настава во училница како теоретски вовед, подготовка на материјали и насоки за активностите кои следат. Посета на манастирот Св.Наум Охридски и наколното живеалиште „град на вода“. Враќање во одмаралиштето. Ручек и попладневен одмор. Пишување на извештаи за истражувањата и нивна презентација. Организирање на спортски активности и социјални игри. Посета на Билјанини извори. Вечера. Водење на групен дневник за местата, знаењата, впечатоците и доживувањата од активностите на четвртиот ден. Организирана забава и дружење на учениците. Ноќевање.

Дидактички средства и материјали:

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- аудио-визуелни средства- цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- Манастир Св. Наум Охридски
- Наколно живеалиште
- Билјанини извори
- стручно предавање и разговор со кустос и хидробиолог

- флип – хартија, фломастери
- табла и креда
- спортски реквизити

Корелација со наставни предмети:

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини од другите наставни предмети.

Петти ден: Појадок, утринска гимнастика и раздвижување. Подготовка за напуштање на одмаралиштето. Патување кон Дебар, посета на ХЕЦ- Шпиље, Гостивар и посета на изворот на реката Вардар- Вруток. Патувањето продолжува кон Тетово и посета на Шарената џамија. Тргнување за Скопје и пристигнување пред училишната зграда до 18:00 часот.

Дидактички средства и материјали:

- учебник по Македонски јазик, Математика, Историја и општество, Ликовно образование, Музичко образование за V одд.
- аудио-визуелни средства – цртежи, фотографии, слики
- фотоапарат
- Интернет
- ХЕЦ- Шпиље
- Шарена џамија
- стручно предавање и разговор со хидролог
- флип – хартија, фломастери

Корелација со наставни предмети:

- внатрешно содржинска во задолжителните наставни предмети за V одделение и надворешна во наставните содржини од другите наставни предмети.

Очекувани резултати :

- зголемено чувство на самостојност и љубопитност кај учениците за истражување и доаѓање до нови знаења ;
- стекнување на знаења и нивна употреба во различни конкретни ситуации, набљудување, собирање на податоци, екпериментирање, споредување, истражување и анализирање;
- запознавање со природните убавини на нашата земја;
- запознавање со растителниот и животинскиот свет на Охридското Езеро;
- разбирање на настаните и појавите на животот покрај езеро;
- запознавање со стопанството и културното наследство на Западна Македонија;
- развивање на интелектуалните и физичките способности кај учениците;
- активна едукација, другарување, рекреација, прошетка, забава и спортување на учениците.

Одделение	Број на ученици	Одделенски наставник
V а	29	Тања Гигова
V б	27	Елизабета Каранфилова
V в	26	Елена Боневска
V г	12	Марина Јаковиќ
Вкупно ученици	94	

Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии:

Лилјана Стефановска- директор
- Марија Лефковска- одделенски наставник
- Виолета Радулова- наставник по физичко и здравствено образование
- Лилјана Трајкова- наставник по хемија и природни науки
- Татјана Арсова- наставник по англиски јазик
- Елена Боневска- одделенски наставник

11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности		
- Одделенска настава -		
Ученици вклучени во вонучилишни активности	**одделение**	**Вкупен број на ученици**
1. Основно музичко училиште	1 IV а 3 V б 3 V в 1 V г 1 III а 4 II б	13
2. Балетско училиште	1 IV б 1 IV б	2
3.Кошаркарски клуб	4 Vб 3 Vв 2 IIIб 2 IIIа	11
4. Фудбал	3 I а 2 II а 1 II б 9 III а 3 III б 5 IV а 4 IV б 3 IV в 7 V а 7 V б 6 V в 2 V г	52
5. Училиште за танц	4 IIIб 5 III а 2 IV б 1 IV в 1 Vб 2 Vв 2Va	17
6. Пливање	3 III б 5 V б 2 V в 1 V г 2 III а 2 IV б 2 IV а 2 IV в 1 II а 1 II б	21
7. Играорна	1 V б 1 Vв 1 V а 1 III б 6 IV б 5 IV а 2 IV в	17
8. Шах	1 V б	1
9. Глума	1 II г 2 IV а	3
10.Ракометен клуб	1 V в 1 III б	2
11. Одбојка	1 II а 2 II б 4 III а 2 III б 4 IV б 3 IV а 1 IV в 1 V а 4 V в 7 V г	29
12. Компјутерски курс	1 V б	1
13. Карате	1 II а 1 II б 3 III б 2 IV б 2 IV а 2 IV в 1 V а 1 V б	13

Ученици вклучени во вонучилишни активности - предметна настава	одделение	Вкупен број на ученици
1. Основно музичко училиште	1 VI в 1 VI г 3 VIIб 1 VII в 1 VIIIг 1 IX в	8
2. Балетско училиште	1 IX а	1
3.Кошаркарски клуб	2 VI а 8 VI в 5 VI г 4 VII в 4 VIII г 1 IX б 1 IX а	25
4. Фудбал	2 VI в 5 VI а 2 VI г 4 VII в 5 VII б 5 VIII б 2 VIII г 2 IX а 3 IX б	30
5. Училиште за танц	2 VI в 1 VI г 1 VI а 2 IX а	6
6. Пливање	10 VI в 1 VII в 2VII б 2 VIII б 1 IX в	16
7. Играорна	1 VI г 5 VII б 1 VIII б 5 VIII в 2 VIII г 1 IX в	15
8. Шах	1 VIII в	1
9. Глума	1 VI а 2 VI г 3 VI в 1 IX в	7
10.Ракометен клуб	2 VI г 1 VII г 5 VIII б 2 IX б	10
11. Одбојка	3 VI а 6 VI в 1 VI г 2 VII в 4 VII г 1 VIII г 4 VIII в	21
12. Компјутерски курс	9 VI в 3 VI г 1 VII б 1 IX в 1 IX а 1 VIII в 1 VIIIг	17
13. Карате	2 VIII б 2 VIII г 1 IX б	5

12.Натпревари на учениците

Ученички натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, , да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училишни натпревари
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организираат, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот.
Во оваа учебна година ќе се организираат интерни училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари.

Планирани училишни натпревари

Предмет	Одделение	Наставник	Период на реализација
Македонски јазик	VI - IX	Олга Добревска Магдалена Јанковска	Февруари
Англиски јазик	VIII - IX	Татјана Арсова Благица Блажеска	Февруари
Математика	IV - IX	Даниела Димишковска Олгица Ристовска Даниела Моневска	Февруари
Природни науки	IV - VI	Даниела Денковска	Февруари
Биологија	VII - IX	Даниела Денковска	Февруари
Географија	VI - IX	Марина Грамова	Февруари
Хемија	VIII-IX	Лилјана Трајкова	Февруари
Физика	VIII-IX	Билјана Ристовска	Февруари
Информатика	VI -IX	Владанка Михајловска	Февруари

Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Програмата за ученички натпревари е дадена во прилог бр.24

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии:

1. Интеграција на содржина;
2. Процес на создавање знаење;
3. Намалување на предрасудите;
4. Педагогија на праведност и
5. Поттикнувачка училишна култура и структура.

Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најбројни се Македонците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да серазвиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобруваи соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ „25 Мај“ од населба Ченто, во кое наставата се одвива на албански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.

Во училиштето се реализираат разни видови активности преку кои учениците осознаваат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадностсе вклучени и во различни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги наброиме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани. Дел од активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Ученичкиот парламент на училиштето и нејзините тела.Ученичкиот парламент го поддржува демократското учество на учениците во училиштето т.е принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето, кое подразбира:

а) обезбедување атмосфера и услови;

б) градење механизми и процедури.

Акционен план за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Цели	Активности	Временска рамка	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Очекувани резултати
Планирање МИО активности на училишно ниво	Информативно – консултативна средба со наставниците за планирање на МИО активности и разгледување на примери за успешни практики	август	Тим за училишна интеграција	прирачници интернет	Успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО
Да ја воочи колективната мудрост,духот,и искуството на старите народи, и учености и речитоста на одделни познати личности	Изработка на постер со поговорки од различни култури	октомври	Валентина Николовска -наставник по предметот Класична култура во европската цивилизација;ученици од 6 одделение	Блог: mythosmk.blogspot.com -интернет страни -книга ,,Блескави мисли“ од Љ.Басотова хамер, фломастери/ маркери лепак	Учениците ја воочија пораката на мудрите мисли,изреки-реченици со универзално значење (sententiae).

Припадност на различни групи (општествена/социјал на група, идентитет, национална/државна припадност, етничка припадност, граѓани)	Учениците работејќи во групи истражуваат за јазикот, теадиционалните јадења, народната музика и религијата на различните етнички групи кои живеат во Република Северна Македонија.	ноември	Марина Јаковиќ - одделенски наставник; ученици од 5 одделение	-паметна табла; учебник; интернет; работни листови	Прави разлика меѓу етничка и државна/национална припадност и објаснува како припадноста на овие и на други општествени групи го определува идентитетот на секој поединец
Почитување и заштита на правата на децата	Одбележување на 20 Ноември - Меѓународен ден на правата на децата	ноември	Ученичките заедници на двете партнер училишта	хамер, фломастери/ маркери лепак	Учениците ја разбираат потребата од издигнување на свеста за борба против насилството врз децата
Знае обележја и карактеристики од културата, литературата и уметноста на другите заедници	Истражување за значајни личности од литературата, уметноста и историјата од повеќе земји од светот	декември	Даниела Ристеска -наставник по предметот Мултикултурни работилници; ученици од 6 одделение	интернет	Ученици кои разбираат дека разликите во обележјата на заедниците ја прават нашата земја мултикултурна или интеркултурна.
Учениците да ги препознаваат карактеристиките на ората и танците на различните етнички заедници. Да умеат да изразуваат впечатоци и чувства во врска со слушнатата музика	Народни ора и танци-музика и движење; општи карактеристики на орската народна традиција	декември	Бисера Петреска-наставник по музичко образование	ДВД ЦД учебник интернет	Учениците ги препознаваат карактеристиките на ората и танците на различните етнички заедници и умеат да изразуваат впечатоци и чувства во врска со слушнатата музика

Учениците да се запознаат со етнографските одлики на населението во Африка и присуството на бројни етнички групи, јазици и религии; -да се запознае со специфичната култура и традиција на карактеристични племиња од различни етнички групи во Африка	работа во групи -анализа на ситуација -дискусија Читање, толкување, дискусија, коментар, графичко преставување	јануари	Марина Грамова-наставник по географија; ученици од 9 одделение	Учебник, компјутер, интернет, наставни средства - аудио-визуелни средства, фотографии, различни видови Информации. Презентација на слики и видеа од специфични Културни настани и обичаи на карактеристични племиња од различни етнички групи во Африка.	Учениците ги согледуваат етнографските одлики на населението во Африка и присуството на бројни етнички групи, јазици и религии
Учениците да развиваат способности за препознавање на сопствените и туѓите национални јадења; да има поголемо познавање на кујните на другите народи; да се воспостават пријателски односи меѓу учениците кои учат на различен наставен јазик.	Пишување рецепти за подготовка на традиционални јадења. Подготовка и дегустација на традиционални јадења	март	Тања Гигова - одделенски наставник; ученици од 5 одделение од нашето и партнер училиштето	интернет; прехранбени продукти за подготовка на храна; финансиски средства	Развиена соработка, дружење, почит, толеранција, комуникација помеѓу учениците од различна националност. Учествува во активности за промовирање различни култури, не дискриминира врз основа на културни разлики.

Да знаат за учеството на Македонците во Младотурската револуција и во нејзината одбрана; Да знаат за политичкото организирање и делување на Македонците во периодот на младотурците; Да знаат за учеството на Македонците во Младотурската револуција и во нејзината одбрана; Да знаат за политичкото организирање и делување на Македонците во периодот на младотурците	Учениците ги анализираат оргиналните документарни филмови, прават забелешки и потоа заедно донесуваат заклучоци со наставникот. Посебно внимание се става на различностите во османлиска Македонија. Потоа, се анализираат историските карти, се читаат изворни податоци од пописните дефтери на османлиската држава и се анализира етничкиот карактер на населението и нивното заедничко живеење низ историјата	мај	Игорче Дунимаглоски – наставник по историја; ученици од 8 одделение	Слики, фотографии, карикатури, документарни филмови и видео записи; Делови од играни филмови кои се оргинални од периодот на Малдотурската револуција снимени во Битола, Солун и други делови на Македонија. Учебник, дополнителна литература; Карти: Македонија во XIX век; Македонија во Првата и Втората балканска војна; Македонија по балканските војни; Историски атла	Учениците се стекнуваат со знаења за положбата на Македонците, Албанците, Власите, Турците, Ромите и другите етнички заедници кои живееле во османлиска Македонија. Учениците според програмата на МИО ќе се стекнат со знаења за заедничкиот живот, соработката, предизвиците и недоразбирањата на населението на овие простори. Самостојно ќе донесат заклучок дека борбата за човекови права е универзална и само преку заедничка борба и соработка ќе ги постигнат целите.

7. План за евалуација на акциските планови

Критериумиза успех – ученици кои ќе ги познаваат и почитуваат културата и традицијата на етничките заедници кои живеат во нашата земја и ќе бидат оспособени за соживот во мултиетничко општество; поголема вклученост на родителите во рамките на проектот;

Инструменти – формулар за следење на часови

Индикатор за успешност – зголемена соработка со родителите и со партнер училиштето; оспособеност на учениците за почитување на културата и традицијата на сите етнички заедници и соживот во нашето мултикултурно општество

Одговорен за следење –Тим за училишна интеграција

Повратна информација– МИО портал на веб страната на училиштето, изготвен промотивен материјал

Тим за училишна интеграција: Лилјана Стефановска - директор, Магдалена Јанковска - координатор, Биљана Василевска - педагог, Мери Тодорова - библиотекар, Ана Ристовска- одделенски наставник, Даниела Моневска- предметен наставник.

Глобалното планирање за меѓуетничка интеграција во образованието е дадено во **прилог бр.25**

14. Проекти кои се реализираат во училиштето

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Реализацијата на проекти им овозможува на учениците активно учење, придонесува за зголемен интерес и ангажман за учење и работа, а истовремено учениците стануваат свесни за важноста на комуникацијата и тимската работа.

Во училиштето се реализираат проекти кои тековно произлегуваат како иницијативи и можности кон кои училиштето има отворен пристап за соработка.

„ Меѓуетничка интеграција во образованието“ е процес на унапредување на мултикултурализмот /интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција во рамки на кој се реализираат активности насочени кон остварување на главната цел -учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ ќе се спроведува во периодот 2023-2025 год. во соработка со Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ поддржан од Детската фондација Песталоци (ДФП) и истиот е во насока на поддршка на образовните политики и иницијативи за обезбедување инклузивно образование. Планираните цели и активности во проектот се во насока на поддршка на имплементацијата на Законот за основно образование, Концепцијата за основно образование, Концепцијата за инклузивно образование и Стратегијата за образование 2018-2025. Главна цел на проектот е зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста преку унапредување на физичките услови, училишната клима и средина, наставата и ефикасното финансирање.

15.Поддршка на учениците

15.1 Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците на крајот на секој класификационен период и изготвува споредбени анализи по предмети, паралелки, одделенија, по пол и по етничка припадност.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на наставните содржини по поедини предмети.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Така, покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.

Табела со успехот на учениците на крај на последните три учебни години

Учебна година	2022/2023г.	2023/2024г.	2024/2025г.
Среден успех	4,47	4,52	4,56



Акциски план за поддршка на учениците				
Цели	**Содржини/ Активности**	**Реализатор**	**Време на реализација**	**Очекувани ефекти**
Изготвување програми за работа со талентираните, надарените, учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби и социо-емоционални потешкотии	Изготвување на план за работа со тие ученици	Училишен тим	Август - Септември	**Изготвени програми**
Идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето	Изготвување и примена на инструменти и постапки за идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето	Наставници	Септември - Октомври	**Идентификувани ученици**
Континуирана поддршка на талентираните и надарените ученици	Изготвување и реализација прграма за работа со надарени и талентирани ученици	Тим за надарени и талентирани ученици	Во текот на целата учебна година	**Учество на натпревари и освоени награди и признанија**
Континуирана поддршка на учениците со посебни образовни потреби и социо-емоционални потешкотии	Изготвување и реализација на програма за работа со деца со посебни потреби и емоционални потешкотии	Тим за инклузија на деца со посебни потреби и емоционални потешкотии	Во текот на целата учебна година	**Подобрување на постигањата, вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница**
Континуирана поддршка на учениците преку додатната и дополнителната настава	Реализација на часови за додатна и дополнителна настава Следење и	Предметни наставници родителите и учениците	Во текот на целата учебна година	**Повисоки постигања на учениците**

	евидентирање на присуство на учениците на часови на додатна и дополнителна настава			
Навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците	Индивидуално и групно советување на учерниците за избор на занимања – запишување во средно образование	Тим за професионал на орентација на учениците	Во текот на целата учебна година	**Правилен избор на учениците за продолжување на образованието согласно нивните интереси и способности**
Следење и анализа на постигањата на учениците	Изготвување извештаи и на компаративни анализи	Стручни соработници Тим за постигања на учениците	По завршување на класификационите периоди	**Подобрување на пстигањата на учениците**
Промоција на постигањата на учениците	Информирање на училиштето и јавноста за постигањата на учениците преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн.	Одд. Раководители Стручни соработници	**Во текот на целата учебна година**	**Информирано училиште и јавност за постигањата на учениците**

Критериум за успех: Подобрување на постигањата на учениците, редовно учество на додатна и дополнителна настава, учество на натпревари и постигнати резултати на истите (освоени награди), правилен избор на средно училиште на учениците од деветто одделение.

Иструменти: Листи за идентификација на ученици со потешкотии во учењето,листи на евиденција за дополнителна и додатна настава, досиеа на ученици**,** Пронад скала, прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците, ТИФИН, анкети.

Индикатор за успешност: Идентификувани ученици,изготвени и реализирани планови, постигнати повисоки постигања, освоени награди на натпревари, подобрување на постигањата на учениците**.**
***Одговорен за следење*:**Тим за додатна и дополнителна настава, тим за надарени и талентирани ученици, тим за професионална орентација на ученици, тим за инклузија на учениците со ПОП и емоционални потешкотии.
***Повратна информација*:** Полугодишни и годишни извештаи на тимовите**.**
***Тим за поддршка*:** директор – Лилјана Стефановска, Александра Крстевска, Биљана Василевска, Билјана Теовска, Басотова Слободанка, Олгица Ристовска, Тоше Трајковски

Успех на учениците по наставни предмети во учебната 2024/25год

Учениците од прво до трето одделение на крајот на учебната година се оценуваат описно, а учениците од четврто до деветто одделение бројчано.

Паралелка	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Среден успех
Среден успех по предмети	описно	описно	описно							
македонски јазик				4.31	4.56	4.63	4.44	4.40	4.28	4.43
математика				4.28	4.45	4.02	3.91	3.58	3.79	3.96
англиски јазик				4.57	4.34	4.63	4.69	4.58	4.67	4.58
француски јазик						4.59	4.64	4.56	4.71	4.63
германски јазик						4.39	3.96	3.95	4.37	4.17
ликовно образование				4.89	4.87	4.49	4.52	4.52	4.68	4.64
музичко образование				4.83	4.79	4.70	4.88	4.67	4.75	4.77
општество										
природни науки				4.49	4.63	4.39				4.51
техничко образование и информатика				4.79	5.00					4.85
ТО и инф.(информатика)						4.80				4.80
ТО и информатика(техничко)						4.78				4.78
информатика							4.60			4.60
историја и општество				4.38	4.51					4.44
историја и општество (граѓанско)						4.52				4.52
историја и општество (географија)						4.35				4.35
историја и општество (историја)						4.46				4.46
историја							4.53	4.23	4.62	4.46
географија							4.04	4.30	4.57	4.32
етика							4.83			4.83
граѓанско образование								4.63	4.72	4.68
биологија							4.32	4.31	4.58	4.41
физика								3.94	4.40	4.19
хемија								4.10	4.23	4.17
иновации									4.58	4.58
физичко и здрав. образование				4.94	4.93	4.95	5.00	4.82	4.88	4.92
Изборен предмет										
етика на религиите						4.64				4.64
класична култура						4.91				4.91
оригами				4.91	4.84					4.88
сликање,цртање,вајарство				4.94						4.94
Истраж. на родниот крај								5.00		5.00
програмирање									4.71	4.71
готвење							5.00			5.00
Справување со природни катастрофи		4.84								4.84
Образование за животни вештини				4.95						4.95
мултикултурни работилници					5.00					5.00

Учениците со потешкотии во учењето, се идентификуваат при следење на нивните постигања во текот на учебната година од страна на наставниците и консултации со стручните соработници. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции(Завод за ментално здравје на деца и младинци "Младост" и Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади).

Училиштето има изготвено процедура за идентификација и поддршка и на учениците со потешкотии во учењето:

-Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;

-Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);

-Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;

-Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог) изготвува програма за општа поддршка;

-Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;

-Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;

-Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);

-Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции (Завод за ментално здравје на деца и младинци "Младост",Центарот за функционална проценка и поддршка на деца и млади, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето посветува особено внимание на *промовирањата на постигнувањата на учениците*, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Училиштето редовно ги промовира своите постигања преку учество во контактно-училишната емисија "Голем одмор" на МРТВ. Во рамките на учеството на литературни читања особено се истакнуваат средбите со писатели на Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и хепенинзи. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и

нивните ментори. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува *процедура за наградување ученици:*

- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;

-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);

-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;

-на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;

-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);

-пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;

-за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација.

-училиштето на крајот на учебната година распишува конкурс за избор на првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение. Училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици. Наставничкиот совет на училиштето избира Комисија за избор на првенец на генерација која е составена од директор, стручен соработник, еден наставник од одделенска настава, еден наставник од предметна настава и двајца ученици од осмо одделение. Комисијата дава предлог согласно Правилникот за избор на првенец каде се дадени критериуми за изборот и утврдува кандидатска бодовна листа која ја доставува до Наставничкиот совет Наставничкиот совет на крајот на наставната година донесува одлука за прогласување на ученик/ученици за првенец на генерација .

15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Согласно програмата за професионалната ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта, нашето училиште ќе работи на ова подрачје тргнувајќи од основната цел на програмата , а тоа е поттикнување на учениците активно да учествуваат во фазниот процесен модел на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности , насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирањето на својата кариера.

Процесот на професионална ориентација ќе се реализира низ следните фази:

-самоспознавање

-професионално информирање

-донесување одлука

За синтетизирање на информациите што ги прибираат и обработуваат низ секоја од фазите учениците водат портфолио, регистар за прибирање на документација за избор на понатмошното образование, односно занимање, кое ќе им помогне на учениците при донесувањето конечна одлука.

Програма за професионална ориентација-е дадена во прилог бр. 28

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во Универзалната Декларација за правата на човекот се вели дека: „Сите права и слободи му припаѓаат на секое лице без разлика во поглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго мислење, националното и општественото потекло, имотната состојба, раѓањето или кои било други услови“. Дискриминацијата, насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на учениците, што воедно претставува повреда на основните детски права. Во член 5 од Законот за основно образование, „Службен весник на РСМ“, бр. 161 од 5. 8. 2019, се вели: - Заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста во став 4 се наведува „вработените од ОУ се должни да промовираат еднаквост и праведност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство“. Основна задача на училиштето и целокупниот воспитно-образовен кадар е намалување на насилното однесување и спречување на појавите на

дискриминација. За таа цел училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување и дискриминација по било која основа, со која се предвидени индивидуални и групни активности преку кои се врши едукација на учениците за препознавање и пријавување на сите видови насилство. Во програмата се дефинирани видовите насилства по злоупотреба и занемарување, разни видови активности, работилници, техники, методи, како да се зајакне соработката со родителите и позитивната дисциплина , клима и соработката во училиштето. Составен дел на програмите и превентивните активности е соработката со родителите на учениците, кои се важен фактор во сузбивањето на сите појави на несакано однесување кај учениците. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Училиштето има изготвено процедура за пријавување на појавите на насилство.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Во случај на сомневање за постоечка злоупотреба(физичка, емоционална или сексуална) и занемарување на децата, без при тоа да се има јасна информација за тоа, наставниците и стручните соработници кои доаѓаат во контакт со детето и со неговото семејство го пријавуваат случајот до Центарот за социјална работа или пак до полицијата.

Во училиштето се предвидени конкретни активности (обуки, работилници, презентации) со наставници и ученици со цел унапредување на менталното здравје на учениците, промовирање позитивно ментално здравје и благосостојба (оптимално ментално, емоционално и социјално функционирање), намалување на појавата, почетокот и влијанието на проблемите со менталното здравје кај учениците преку справување со факторите на ризик и промовирање на резилиентност, каде што поединците можат да се справат со секојдневните стресови, да имаат чувство за цел и да искусат позитивни емоции.

Во соработка со Првата детска амбасада „Мировно образование“„ чија цел е информирање на јавноста за подобро родителство и подобар третман на учениците на училиште и во семејството, како и јакнење на капацитетите на стручните соработници, наставниците и родителите за обезбедување сигурна и безбедна училишна и семејна околина, како и унапредување на детските права. Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) во рамки на училишниот Клуб за превенција и едукација.

Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно-образовните институции е сеопфатен и сложен процес во кој треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето, децата/ученици, родителите/старатели, како и локалната заедница и институциите. Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Насилството, злоупотребата и

занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците, што претставува повреда на основните детски права.

Првата цел е превенција на насилно однесување во училиштето односно мерки и активности за создавање на безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување пропишани преку Статутот и интерни акти во училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување (кодекс на однесување на учениците во училиштето, протокол за справување со насилничко однесување).
За спроведување на оваа цел, планирани се следниве активности:
-презентирање на кодексот на однесување на учениците во училиштето, правилникот за изрекување на педагошки мерки пред учениците и родителите и усвоената постапка за справување со насилничко однесување,
-објавување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и протоколот за справување со насилничко однесување на web страната на училиштето
-на секое ново вработено лице му се доставува протокол за справување со насилничко однесување
-зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство преку вклучување на експерти од областа со свои предавања и обуки
-едукативни работилници/презентации/предавања за родители за сите видови на насилство од прво, второ и трето ниво;
-едукација и подигање на свеста на учениците
-организирање посебен влез и излез во деновите кога се среќаваат учениците од прва и втора смена
Втората цел се однесува на препознавање на насилството и детекција на учениците кои вршат насилство.
За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:
-препознавање на насилното однесување преку: набљудување на промени кај учениците –физички емотивни, промени во однесување
-распоред со дежурства на наставници на критични точки во училиштето
-анонимна анкета за детекција на видови насилство во училиштето и ученици кои вршат насилство
-поставување на кутија за анонимно пријавување
-поставени камери во холови и ходници
-ангажирано обезбедување
-соработка со надлежни институции: МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи, Народен правобранител.
-утврдена постапка за пријавување на насилно однесување
-превземање активности за прекин на насилното однесување и обезбедување сигурност на ученикот
Третата цел на програмата опфаќа заштита и промена на однесувањето на ученикот сторител.
За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:
-евиденција на учениците кои вршат насилство

-формирање на тим за поддршка на ученикот
-советодавна работа, психо-социјална помош и следење на ученикот сторител
-советодавна-консултативна работа со родителот
-изрекување на педагошка мерки
-вклучување на претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, здравствени установи по потреба

Четвртата цел на програмата опфаќа психо-социјална помош и заштита на ученици кои се жртви на насилство.

За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:
-евиденција на учениците кои се жртви на насилство
-пријавување во Меѓуопштински центар за социјална работа
-советодавна работа, психо-социјална поддршка и следење на учениците жртви на насилство,
-вклучување на надлежни институции по потреба

Реализатори на оваа програма се одделенските и предметните наставници, стручните соработници и Директорот, а одговорно лице за следење е координаторот на тимот за за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБУВАЊЕ И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

Принципи според кои се спроведува постапката:Најдобар интерес на детето, почитување на различностите и забрана за дискриминација**,** почитување на правото на самоопределување**,** учество**,** приватност**,** доверливост**,** жртвата не е виновна**,** пропорционалност**,** информираност**,** стручност и одговорност**,** должно внимание**,** забрана за непотизам и корупција

Чекори на интервенција:

I Препознавање и пријавување на насилство

1.Било каков вид на насилство се пријавува кај контакт лице (стручен соработник) за пријавување на насилство или кај било кој вработен во училиштето во кој што ученикот има доверба
2.Сите ученици, вработени во училиштето се должни да пријават насилство без разлика каде се случило (во училиштето, на патот до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или било кое друго место)
3.Наставниците, стручните соработници, директорот треба да поседуваат знаења, вештини за препознавање на насилството, да обезбедат извор на информации за појавата на насилното однесување, да внимаваат каде се случува, да знаат да утврдат дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно

II Прибирање на информации

1.Разговор со ученикот кој е жртва на насилно однесување
2.Разговор со учесниците сторители во насилното однесување
3.Разговор со учениците сведоци на насилството или кој било друг ученик или возрасен засегнат од насилството
4.Информирање на одделенскиот раководител, родителите и стручните соработници за учениците кои се жртва на насилното однесување, и учесниците сторители

III Прекинување на насилство и смирување на ситуацијата

1.Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата и вработените се должни веднаш да го прекинат насилството и да превземат активности за смирување на ситуацијата
2.Информирање на контакт лицето
3.Во зависност од формата на насилството, прво, второ, трето ниво по потреба се вклучуваат и други институции МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи

IV Советодавно-консултативна работа

1.Советодавно-консултативна работа со ученикот кој е жртва на насилно однесување
2.Советодавно-консултативна работа со учесниците сторители во насилното однесување
3.Советодавно-консултативна работа родителите на учениците кои се жртва на насилно однесување и родителите на ученици сторители во насилното однесување

V Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот

1.Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој по потреба се вклучуваат и други лица (наставници, стручни соработници, директор, претставници од други институции, здруженија)
2.Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој задолжително се вклучени претставници од Центарот за социјална работа, МВР, здравствени институции
3.Мерки за промена на однесувањето на сторителот (психосоцијална социјална подршка од страна на училишен психолог, упатување на родителите/старателите на психо-социјално советување во надлежна установа)
4.Изрекување на соодветна педагошка мерка, член 72 од ЗОО
5.Следење на ефектите од педагошките мерки од страна на одделнските наставници и раководители и стручните соработници
6. Преместување на жртвата во друга паралелка или училиште по соптсвена желба
7.Преместување на сторителот во друго училиште (не како педагошка мерка)
8.Мерки за поддршка на набљудувачите /сведоците

V Водење на евиденција за појавата на насилното однесување
1.Евидентирање на секој случај на насилство од страна на контакт лицето во формуларите за евиденција, формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот
2.Евидентирање на насилното однесување во евидентниот лист за дежурен наставник
VI Меѓусекторска соработка

1.Вклучување на претставници од други институции при појава на насилство МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, Министерство за труд и социјална политика, здравствени установи, Министерство за здравство, здружение на граѓани кои нудат бесплатна правна помош, Народен правобранител....
2. Вклучување на претставници од локална самоуправа

Планот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација е даден во прилог бр.29

16. Оценување

16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период од IV-VI одделение се оценуваат со описни оценки на крајот на првиот, вториот и третиот класификационен период, а нумерички на крајот на учебната година

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците. За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП, оценувањето се врши согласно Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот/старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.При оценувањето наставниците водат грижа за

-Надополнување на празнини во учењето.

-Поттикнување на дополнително/длабинско учење.

-Грижа за социјалниот и емоционалниот развој.

Наставниците ќе даваат јасни насоки на учениците во врска со очекуваните резултати од учењето и начинот на следење, контролирање и вреднување на нивното постигнување (како да проверуваат колку научиле, кои докази треба да ги собираат, како самостојно да учат, како ќе се проверува наученото, како ќе се формира оценката).

При *<u>формативното оценување</u>* во училница наставниците ги користат следните постапки:

-Запознавање со целите на учењето и очекуваните резултати од учењето.

-Поставување прашања и задачи низ кои може да се види разбирањето на она што се учи

-Користење на разновидни методи и техники за проверување.

-Вклучување на учениците во оценувањето (самооценување и заемно оценување) заради учење едни од други.

Исто така наставниците континуирано ќе даваат повратна информација која може да биде во различни форми (пишана или усмена) но ќе биде детална и конкретна, со насоки за подобрување на учењето. Секоја повратна информација треба да ги содржи следните елементи: (1) што е добро направено, (2) што треба да се подобри и (3) што ученикот треба да направи за да го подобри тоа.

Сумативното оценување треба да ги поседува следните карактеристики:валидност, веродостојност, објективност , правичност/непристрастност, транспарентност и јасност.
При формирањето на сумативната оценка наставникот има предвид колку ученикот бил активен во процесот на учењето.
Во случај на потреба од повторна проверка на знаењата на учениците, поправен испит или за побрзо напредување во училиштето се формира испитна комисија.
За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.Комисијата е составена од претседател и два члена-испитувачи.Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.

При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата, односно оценките.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Училиштето дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

План за следење и анализа на состојбите со оценувањето прилог бр. 30

16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со цел подобрување на квалитетот на наставата од особено значење е следење на квалитетот на работата на воспитно –образовниот кадар. Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручните соработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови начини преку кои може да се види истата.
Училиштето има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати во годината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид во работатат на секој
наставник.

Увидот има за цел да му помогнат на наставникот во подобрување на квалитетот на работата .
Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива во рамките на три подрачја :
Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
Следење на квалитетот на дополнителна и додатна настава;
Следење на реализацијата на воннаставните активности;

За следењето на квалитетот на реализација на наставата изготвени се следните инструменти :

Формулар за увид во годишно-глобално планирање- предметна настава

Формулар за увид во тематско-процесно планирање-предметна настава

Одделение	**Наставник**	**Дата на увид**
Индикатори		
Годишен глобален план по предмети		
Годишен глобален план за секој предмет одделно по теми,број на часови и време за реализација		
Меѓутематска и меѓупредметна корелација и интеграција		
Конкретни цели за секој предмет одделно		
Програма за дополнителна настава		
Програма за додатна настава		
Програма за воннаставни активности		
Планирање час за одделенска зедница		
План за имплементирани содржини од екол.едукација во макед. образовен систем		
Планирани содржини за МИО		
Планирани содржини за претприемничко учење		
Планирање на ИКТ во наставата (Е содржини, линкови)		
Планирање задавање домашна работа		
Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби (крај на септември)		
Програма за соработка со родители		
Програма за екскурзии		
Критериуми и стандарди за оценување		

Одделение	**V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**
Индикатори					
Цели на темата					
Наставна содржина					
Тип на час					

Одделение	**Наставник**	**Дата на увид**
Индикатори		
Планирање на реализација на наставата програма по предмети		
Поврзаност со националните стандарди		
Резултати од учење		
Оценување на постигањата на учениците		

Очекувани исходи					
Наставни форми					
Наставни методи					
Современи техники на учење и поучување					
Наставни средства и материјали					
Методи за следење на постигањата на учениците					
Среднорочен ИОП за ученици со посебни потреби					

Формулар за увид во планирање на реализација на наставната програма

Формулар за увид во планирање на реализација на наставата по предмети

Одделение	**Дата на увид**							
Индикатори	**Наставни предмети**							
	македонски	**математика**	**природни науки**	**историја и општество**	**техничко образование и информат**	**музичко образов**	**ликовно образование**	**ФЗО**
Тема/подрачје во наставната програма								
Поврзаност со националните стандарди								
Резултати од учење								
Содржини (и поими)								
Стандарди за оценување								
Број на часови								

Активности								
Средства								
Следење на напредокот								
Оценување на наученото								

Инструмент за посета на час

Датум_____ Одд._____
Наставник_____
Предмет_____
Тема_____
Содржина_____

Елементи од наставниот час	**целосно**	**делумно**	**изостанува**
Училницата претставува пријатна атмосфера за работа (достапни нагледни средства и материјали, изложени изработки од учениците и сл.)			
Сите активностите од сценариото се реализираат за време на часот			
Сите предвидени средства и материјали се применуваат за време на часот			
Динамиката на реализација на активностите е прилагодена на можностите на учениците			
Наставникот дава примери што се интересни и поврзани со искуството на учениците.			
Наставникот поставува добро осмислени прашања кои ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат на часот			
Упатствата што ги дава наставникот се јасни и разбирливи.			
Задачите се предизвик за учениците и бараат примена на наученото.			
Наставникот ги поддржува учениците самостојно да ги решаваат задачите.			
Наставникот ги поттикнува учениците да поставуваат прашања и да дискутираат			
Повеќето ученици активно учествуваат во дискусија			
Наставникот посветува внимание на учениците кои побавно/побрзо напредуваат.			
Наставникот ги охрабрува учениците да изнесуваат свои мислења и ставови.			
Наставникот кон секој ученик се обраќа со почит.			
Наставникот применува различни техники за следење на напредокот на учениците.			
Наставникот го бележи напредокот во постигањата на учениците.			
Наставникот им дава соодветни повратни			

информации на учениците (усна и писмена)			
Планираните активности во сценариото за час овозможуваат постигнување на стандардите за оценување			

Инструмент за евалуација на сценарио за час

Елементи од сценариото за час	**целосно**	**делумно**	**изостанува**
Неделното планирање (индивудално за цела недела однапред) е изготвено од наставникот.			
Планирана е меѓупредметна интеграција (наведени се наставните предмети и поимите/активностите/ стандардите во неделното планирање).			
Планирањето за реализацијата на часот директно произлегува од планирањето на реализацијата на наставната програма			
Во сценариото се наведени стандарди за оценување			
Во сценариото се планирани активности за сите делови од часот (воведни, главни, завршни и рефлексија)			
Планираните активности во сценариото за час овозможуваат постигнување на стандардите за оценување			
Планирани се соодветни дидактички средства и материјали			
Планирано е следењето на напредокот на постигнувањата на учениците.			

Формулар за увид во годишно-глобално планирање- одделенска настава

Формулар за увид во тематско-интегрирано планирање

Одделение	**Дата на увид**								
Индикатори	**Наставни предмети**								
	мак	**мат**	**лик**	**муз**	**опш**	**физ здр.**	**ком пјут**	**прир. науки**	**одд. час**
Наслов на наставна тема									
Време на реализација									
Наставни содржини									
Цели по предмети									
Очекувани резултати									
Активности по предмети									
Наставни форми									
Наставни методи									
Наставни средства									
Современи техники на учење и поучување									
Методи за следење на постигањата на учениците									

Соработка со родители									
Среднорочен ИОП за ученици со посебни потреби									

Инструмент за евалуација на дневната подготовка на наставникот

Датум_____
Одд._____
Наставник_____
Предмет_____
Тема_____
Содржина_____
Тип на часот _____

Елементи од дневна подготовка	**целосно**	**делумно**	**изостанува**
Наставната содржина е во врска со тематското распределение			
Дефинираните цели се соодветни на содржината за дадениот наставен час			
Наставникот има јасна претстава какви промени кај учениците очекува од тој час – јасно дефинирани очекувани исходи			
Структурата на часот е поделена во фази и дадени се активности за секоја фаза			
Предвидените наставни форми и методи се во согласност со содржината што ќе се обработува			
Наставникот планира користење современи техники на учење во наставата			
Наставникот има планирано користење на соодветни нагледни средства			
Наставникот има испланирано активности со користење на ИКТ/Е - содржини кои се соодветни на поставените цели			
Предвидените активности за учениците и наставникот се соодветни на поставените цели			
Наведени се активности и инструменти, методи и техники за оценување на часот			
Наставникот планира домашна задача			
Наставникот води рефлексивни забелешки за поставените цели, очекуваните исходи од часот како и за ефикасноста на часот			

Инструмент за посета на час

Датум_____ Одд._____
Наставник_____
Предмет_____Тема_____
Содржина_____
Тип на часот _____

Елементи од наставниот час	**целосно**	**делумно**	**изостанува**
Училницата претставува пријатна атмосфера за работа (наставни средства, изработки од учениците и сл.)			
Текот на часот се одвива според дневното планирање			
Наставникот ги користи претходните знаења на учениците во воведувањето на новиот материјал			
Наставникот ги запознава учениците со очекуваните резултати кои треба да ги постигнат на крајот од часот			
Наставникот адекватно ги користи планираните форми и методи			
Наставникот користи современи техники на учење во наставата			
Наставникот соодветно користи различни наставни средства			
Наставникот користи ИКТ/Е-содржини			
Наставникот активно ја следи, координира и насочува работата на учениците			
Присутна е отворена позитивна атмосфера, соработка и взаемно почитување меѓу учениците и наставникот			
Наставникот користи постапки, инструменти за оценување			
Инструментите за оценување содржат јасни критериуми за оценување			
Наставникот им дава повратни информации на учениците за нивниот напредок и насоки за подобрување на учењето			
Планираните активности за учениците се во функција на постигнување на целите на часот			
Наставникот задава домашна задача со јасни насоки за нејзина изработка			

План за стручни посети и за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно –образовниот кадар - прилог бр.31

16.4 Самоевалуација

Самоевалуацијата за работата на училиштето се спроведува согласно Законот за основно образование и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта на крајот на секоја втора наставна година.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината.Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја .Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

Членови на Комисијата за спроведување на самоевалуација за учебните 2022-2024год.:

1. Лилјана Стефановска-директор
2. Биљана Василевска-педагог
3. Билјана Теовска-дефектолог
4. Татјана Арсова-предметен наставник
5. Гордана Мацкова-одделенски наставник
6. Марија Караѓозовска-родител

Програмата за самоевалуација е дадена во прилог бр 32.

17. Безбедност

Безбедноста и здравјето во училиштето во суштина подразбира создавање на услови за учење и работа во кои се преземаат мерки и активности со цел заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица кои на тоа имаат право. За непречено одвивање на воспитно-образовниот процес од особена важност е сите субјекти во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно. Родителите очекуваат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина за учење и да се чувсвтвуаат пријатно. Училиштато постојано работи на подобрување на мерките за физичка и психолошка безбедност со цел заштита на учениците, персоналот и посетителите. За таа цел во училиштето постои видео надзор, физичко обезбедување и дежурни наставници.

Безбедносните протоколи во училиштето опфаќаат низа мерки од планови за одговор при итни случаи до секојдневни операции, обезбедувајќи холистички

пристап кон безбедноста. Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа:
-Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
-План за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште;
-Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
-Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
-Протокол за мерки и активности за физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените
Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). За таа цел во училиштето е формиран Тим за заштита, самозаштита и спасување подготвен за едукација на учениците и вработените, укажување прва медицинска помош, против пожарна заштита и одржување, комуникација, обезбедување и евакуација. Училиштето секоја учебна година планира и реализира едукативни активности со учениците и вработените и практични- симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди. По потреба се добива поддршка од Црвениот крст на град Скопје, Противпожарната единица, Полициска станица и Брзата помош. Во планираните активности се вклучуваат и родителите.
Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во прилог бр.33

Акционен план за безбедност во училиштето за 2021/22 **Акционен план за безбедност во училиштето**					
Задача	**Активност**	**Временска рамка**	**Носител**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Обучување на вработени за пружање прва помош	Обука по прва помош	Во текот на учебната година	Акредитирани организации	Компетентни и сертифицирани наставници за укажување прва помош	Директор
Обучување на наставници за ракување со ПП апарат	Демонстрација на гасење пожар со ПП апарат	Август/септември	Тоше Трајковски-наставник	Обучени наставници за ракување со ПП апарат	Директор
Обучување на вработените во училиштето за безбедност и здравје при работа	Обука на вработените во училиштето за безбедност и здравје	Секоја трета година	Акредитирани организации	Стекнати основни знаења за безбедност и здравје на работното место	Директор

Унапредување на знаењата на учениците за пружање прва помош	Информативни и едукативни предавања со сите ученици во училиштето за прва помош и заштита	Во текот на учебната година	Одговорни наставници: I-III одд.раководители IV Јордан П. V Марина Ј. VI Игорче Д. VII Тоше Т. VIII Бобан В IX Марјан Т.	Стекнати основни знаења за значењето на првата помош и вештини за укажување на прва помош	Директор
Унапредување на знаењата на учениците за превенција и заштита од природни катастрофи и други вонредни ситуации	Едукат.предавање со учениците за превенција и заштита од земјотрес, пожар, поплава и епидемии и заразни болести Вклуч. на учениците во процесот на планирање на за заштитата и евакуација и едукација	Во текот на учебната година	Одговорни наставници од Тимот за заштита и спасување: Елена Б. Магдалена Ј. Олгица Р. Соња Р. Ученици-членови на УП	Зајакната свест кај учениците за значењето на подготвеноста за елеменентарни непогоди	Клуб за едукација и превенција Формирање Тим од ученици-волонтери „Млади спасувачи“
Учество на ученици натпревар по прва помош	Подготовки на учениците за натпревар по прва помош	Второ полугодие од учебната година	Одговорен – Билјана Т. ООЦК Гази Баба	Стекнати основни знаења за значењето на првата помош и вештини за укажување на прва помош и успешно учество на натпревар	Клуб за едукација и превенција
Учество на ученици на против пожарен квиз	Подготовки на учениците за учество на квизот	Во текот на учебната година	Противпожарен сојуз на Македонија	Стекнати основни знаења за значењето на против пожарната заштита Успешно учество на квизот	Директор Тоше Трајковски-наставник
Вклучување на родителите во едукативни и превентивни активности	Одржување предавања, работилници, вежби од страна на родители-професионалци од областа на природните катастрофи и заразни болести	Во текот на учебната година	Одделенски раководители Родители	Зајакната свест кај учениците за значењето на подготвеноста за елеменентарни непогоди	Директор Одделенски наставници

Спроведување симулациска вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)	Спроведување интерна вежба за евакуација Одредување лица одговорни за евакуација на учениците со ПОП	Во текот на учебната година	Тим за спроведување на симулација Претставници од Црвен крст/ одговорни наставници Сите ученици и вработени полиција, ПП Единица Брза помош	Обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи	Директор Тим за спроведување на симулација

18. Грижа за здравјето

18.1 Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи .Во текот на целата година се води грижа за исправноста и функционалноста на санитарната опрема во тоалетите. Во текот на целата година се води грижа за исправноста и функционалноста на санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични нетоксични средства. Во санитарниот простор има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува, а мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно уреден со поставени корпи за отпад.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Школска медицина-Автокоманда-Поликлиника Ченто; Стоматолошка ординација-ЈЗУ Автокоманда, Републички завод за здравствена заштита- одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.
За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ Автокоманда со одд.раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.
Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците. Учениците од секоја паралелка за време на систематскиот преглед се придружувани од одделенскиот раководител, а по потреба се повикува и родител.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.
- I одд. за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит);
-II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија, тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина;
-VII одд. вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.
Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
- IX одд. - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.
Вакцинирањето се врши во амбулантата „Автокоманда“ во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето ги планира и реализира активностите од кампањата,,Здрава храна за детство без мана“преку подигање на свеста за здрава храна како и подигање на училишниот активизам и промоција во средината со активно вклучување на родителите. Во текот на учебна година ќе се реализираат активности од кампањата.Кампањата која има за цел да ја подигне свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездравата храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, продажни акции на задрава храна, изработување на ликовни и пишани творби, едукативни предавања за правилна исхрана итн. Исто така има

поместени содржини за пирамида на исхрана како да се храниме во Програмата за ОЖВ која се реализира на одделенски час тема Здравје: Пирамида на исхрана ликовно обр. V Работилница-здрава храна 2 април Природни науки I, II Здрава храна 2 Март Англиски III,II I like spaghetti 2 април Влијанието на храната врз здравјето Македонски јазик IV Подготовка за куклена претстава „Овошна караница“ 1 ноември Подигање на свеста на поширокатa заедница за користење здрава храна Природни науки IV Како правилно да се храниме 1 април Изработка на упатства за користење на здрава храна Англиски III, IV 3- I like spaghetti 4-Help! I

Училиштето има пропишани процедури за грижа за исхраната на учениците. Еден од условите за добро здравје и правилен раст и развој на детскиот организам е правилен однос кон исхраната. Во училиштето се организира топол оброк.

Акционен план за грижа за здравјето на учениците				
Цели	Содржини/ Активности	Реализатор	Време на реализација	Очекувани ефекти
Креирање политика за грижа за здравјето на учениците	Изготвување план за грижа за здравјето на учениците	Тим	Август	Успешна реализација на планот грижа за здравјето на учениците
Одржување на хигиена во училиштето	Дезинфекција на училниците и санитарните јазли	Технички персонал	Во тек на годината	Добри хигиено здравствени услови во училиштето
Соработка со здравствени институции за унапредување на здравјето и превенција од болести кај учениците	Редовни систематски и стоматолошки прегледи на учениците Едукација за одржување на личната хигиена кај учениците	Здравствени работници	Во тек на годината	Добра здравствена состојба на учениците Учениците се запознати со причинителите на разни болести
Придржување на календарот на имунизација	Вакцинирање на учениците согласно календарот на имунизација	Здравствени работници	Во тек на годината	Намалување на појавата на заразни болести кај учениците

Критериум за успех: подобрени хигиено- здравствени услови во училиштето, редовен увид во здравствената состојба на учениците,

Иструменти: извештаи од спроведени систематски прегледи и вакцинирање на учениците

Индикатор за успешност: навремено откривање надеформитети и оштетувања на сетилата за вид и слух кај учениците

Одговорен за следење: Слободанка Басотова, сите одделенски и предметни наставници

Повратна информација: редовно вакцинирање согласно календарот за имунизација, евиденција од дератизација и дезинфекција во училиштето

Тим за поддршка: Слободанка Басотова, Виолета Радулова

Програма за грижа за здравјето на учениците е дадена во прилог бр. 40

19.Училишна клима

19.1 Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.

Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Акционен план за подобрување на училишната дисциплина				
Активност	**Задача**	**Носител на активноста**	**Време на реализација**	**Очекувани ефекти**
Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето	Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето	Директор Одговорен наставник за распоред на часови	На почетокот на учебна година	Безбедно одвивање на наставниот процес
Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени	Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор	Директор Одговорен наставник за распоред на часови	На почетокот на учебната година	Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор
Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на Ученичкиот парламент	Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето	Одговорните наставници на Ученичкиот паралмент и учениците , членови на истиот	Во текот на учебната година	Соодветно однесување од страна на учениците
Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците	Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците	Одделенските раководители и учениците	Во текот на учебната година	Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените

Критериумиза успех – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците
Инструменти – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници
Индикатор за успешност – намален број советувања на ученици и родители
Одговорен за следење – директор, одделенски раководители, стручни соработници
Повратна информација
-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата
-почитување на правилата на однесување во училиштето
-намален број на изречени педагошки мерки за учениците
-намален број на повикани родители на советување
-одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за учество на учениците во естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето-прилог бр.35

19.3 Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители). Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

-Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;

-Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;

-Разгледан и усвоен е и Етичкиот кодекс за тестирањето, а изготвен и прифатен е и Еко-кодекс.

- Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

Правилник за однесува на учениците, наставниците и родителите , во училиштето и училишниот двор е даден во прилог 41

19.4 Односи меѓу сите структури

Ефективната организациска комуникација која е карактеристична за нашето училиште се фокусира на отворени и директни односи меѓу вработените и менаџерот, притоа резултирајќи со подобрување на посветеноста, продуктивносат и организациските резултати. Организациската комуникација ги сплотува сите членови на училиштето и ги води во една насока кон остварување на поставените цели. Училиштето по пат на ефективна комуникација успева да воспостави принципи на успешно училиште, подготвено на промени и динамичност. Организациската комуникација вклучува интеракција помеѓу поединците и групите во училиштето, промовира заеднички вредности, охрабрува тимска работа и развива цврсти врски помеѓу сите структури.

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него:

директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи. Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби (ученички екскурзии, предновогодишни прослави, одбележување на празници, новогодишен базар, хуманитарен велигденски базар, заеднички патувања, обуки за комуникација, работилници и сл.)

20.Професионален развој на образовниот кадар

20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го Законот за наставници концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците, истите да ги планира како и да го следи нивниот професионален развој.

20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања.Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно-образовниот кадар. Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот.

Програмата за професионален развој на воспитно-образовниот кадар е дадена во прилог бр.37

20.3 Личен професионален развој

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучен во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионален развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно- образовниот процес, за што изготвува личен план за професионален развој.

Секој наставник има сопствено наставничко портфолио со докази од нивната работа и изработки од учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот личен професионален развој.

Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие.

20.4 Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

Акционен план за хоризонтално учење

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Посета на отворени и нагледни часови	Споделување искуства	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Адекватен избор на форми, методи , техники и наставни средства
Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми	Споделување сознанија стекнати на обуките од страна на БРО	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Успешна реализација на програмите во наставата
Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците
Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот

Критериуми за успех – тимска работа на наставниците која придонесува за имплементација на современи приоди во наставата, размена на примери на добра практика и спроведување активности од проектите кои се реализираат во училиштето

Учениците се оспособени самостојно да дејствуваат во еколошки и претприемнички дух и да соработуваат со другите етнички заедници во општеството.

Инструменти –формулари за увид во годишни, тематски и дневни планирање и посетени часови

Индикатор за успешност – изготвени годишни, тематски и дневни планирања со застапени современи наставни форми, методи и техники и имплементирани насоки за работа дадени од МОН и БРО

Одговорен за следење – директор, стручни соработници, одговорни наставници

Повратна информација–
-создавање клима за тимска работка меѓу наставниците
-преземање одговорност за соработка и почитување на индивидуалниот придонес на секој поединец во колективот
-развиен мултикултурен сензибилитет кај образовниот кадар и спроведени активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција

20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Со цел наставниците и стручните соработници да можат да одговорат на потребите на современите трендови во воспитно- образовниот процес се наметнува потребата од нивен континуиран професионален и кариерен развој.

Согласно Законот за наставници во основните училишта може да напредуваат во следните звања:

наставник, наставник-ментор и наставник-советник.

Стручните соработници исто така можат да напредуваат во звања:стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

Програмата за кариерен развој на наставниците и стручните соработници е дадена во прилог бр.3

21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1 Вклученост на родителите /старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2024/2025 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие.

Од родителите се очекува да ги застапуваат интересите на учениците преку своите тела во училиштето (советите на родители) и преку другите тела во чија работа учествуваат (Училиштен одбор). Преку овие тела, родителите треба да бидат вклучени во формирањето на листата на воннаставни активности што ќе ги нуди училиштето, како и во изборот на оние што ќе ги реализира. Родителите треба да имаат удел и во изборот на конкретната воннаставна активност во која ќе учествува нивното дете.

Освен во планирањето, родителите можат да се вклучат и во реализацијата на воннаставните активности, работејќи заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација. Притоа, родителите можат да се јават во улога на помошници или на носители за активноста заедно со одговорниот наставник и кога се работи за краткотрајни и за подолготрајни воннаставни активности. На тој начин

родителите можат да придонесат и за проширување на листата на воннаставни активности што ќе се реализираат во училиштето.
Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Во прилозите се дадени:

Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите прилог бр.38

План за средби со родителите –прилог бр.38.1

Распоред за приемни денови на родителите/старателите –прилог бр.38.2

Советот на родители

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата на училиштето

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Програмата на Советот на родители е дадена во прилог бр.7

21.2 Вклученост на родителите /старателите

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се поканууваат на советување кое што го води психологот на училиштето.

Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето.

Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр. „Подари книга“, „Подари садница“, „Велигденски хепенинг”, „Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

Во донесување одлуки

По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите.

На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

21.3 Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други современи закани. Родителите се запознаваат со карактеристиките на развојните периоди во кои се наоѓаат нивните деца, како да им помогнат во учењето, со стиловите на родителство и нивните ефекти како и со препораки за поуспешна комуникација меѓу родителите и децата...

Изработка на брошура за родители

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации

Обврски на родителот

- да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование
- да го следи однесувањето, успехот и постигањата на своето дете
- да информира за причините за отсуството од настава на своето дете
- редовно да присуствува на родителските средби и состаноци
- да се јави на поканата за советување
- да го почитува кодексот на однесување во училиштето
- да даде придонес во работата на Советот на родители
- да иницира и учествува во проекти, настани и воннаставни активности

Родителот треба да знае дека неоправданото отсуство на ученикот од настава повлекува педагошки мерки(усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението).

Родителот се поканува на советување доколку неговото дете има 10 неоправдани изостаноци и доколку има три и повеќе слаби оценки, значително му е опаднат успехот за краток период или покажува несоодветно однесување.

Мисија

Поттикнување на критичкото мислење кај учениците и градење интеркултурализам преку ненасилна, демократска и инклузивна култура

Визија

Ќе ги подобруваме постигањата на учениците преку примена на иновативни образовни приоди и ќе поттикнуваме култура на хоризонтален дијалог, демократска клима и интеркултурализам

Приоритети

Креирање ненасилна училишна култура

Подобрување на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето

„Училиштето-дом во кој градиме почит, доверба и соработка"

ООУ„Стив Наумов"

ул. Лазар Поп Трајков бр.28
тел: 02/3174-006
e-mail:ou_stiv_naumov@yahoo.com
https://ou-stivnaumov.edu.mk/

Лична карта на училиштето

ООУ „Стив Наумов" е основано 1948 год. и ги опфаќа учениците од населбите Автокоманда, Ќерамидница и Триангла. Училиштето е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I – IX одделение.

За учениците од I до III одд, се организира продолжен престој (од иста паралелка, односно исто одд.) и продолжен престој за ученици од I до V одд. (од различни одд. и паралелки).

Училиштето ги следи современите образовни тенденции и практики.

Училишната зграда располага со просторни услови за изведување на воспитно-функционална дејност во училиштето(кабинети, библиотека, ученички клубови, кујна, ресурсна соба, фискултурна сала...)

Училиштето ги вклучува семејствата и локалната заедница во воннаставните активности (базари, хуманитарни настани, манифестации..)

Доследно се почитува принципот за демократско учество на учениците во сите активности преку разни ученички иницијативи и акции.

Креираме успешни образовни политики кои постојано ги стимулираат неисцрпните можности на децата и ги мотивираат да учат, да размислуваат, да делуваат и решаваат проблеми и предизвици што ги наметнува времето и цивилизацијата во која живееме.

Организација на наставата

Редовна-со примена на активни методи на работа и современа технологија

Дополнителна - за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава

Додатна - систематска работа со надарени и талентирани ученици со цел нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите и учество на натпревари

Изборна - дава можност учениците да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети

Продолжителна - за ученици кои покажале слаб успех во текот на учебната година

Обврски на ученикот

- редовно и навремено доаѓање на училиште
- совесно и одговорно извршување на работните задачи
- активно учество во наставата и воннаставните активности
- да ја почитува личноста на вработените и учениците, без разлика на верската, етничка, родова и национална припадност
- да ги штити интересите на ученичката заедница
- да се грижи и да го чува училишниот инвентар и материјали
- да ја одржува хигиената во училиштето и училишниот двор
- да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите
- да го информира дежурниот наставник или обезбедувањето при можна опасност или нарушување на дисциплината
- да го почитува Кодексот на однесување, Кодексот на облекување, Еко кодексот и сите правила за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето

22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Училиштето остварува континуирана соработка со голем број институцииод областа

На образованието, културата, невладини организиции, спортски друштва, медиуми...

Локална заедница

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Соработката со локалната зедница најчесто опфаќа:

-соработка со семејството, особено со родителите;
-соработка со локалната самоуправа и воспитно-образовните установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации
-разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалнатазедница;
-информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето;
-вклучување на училиштето во културни и образовни активности што се организираат во локалната средина;
Училиштето може да планира и да спроведува дел од воннаставните активности (како акции, еднократни работилници, па и секции) во соработка со локалната заедница, овозможувајќи да се подигне општествената одговорност на учениците. Исто така, соработката на училиштето со локалната заедница подразбира и организирање на заеднички настани преку кои ќе се промовираат воннаставните активности и нивните продукти не само пред родителите, туку и надвор од училиштето.

Училиштето подготвува програми и организира активности за одбележување на значајни прослави (празник на училиштето, државни празници, а особено по повод на започнувањето на наставата и завршувањето на наставната година и др.) од кои дел се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Низ овие активности училиштето ги покажува постигањата во наставата и слободните ученички активности (хор, оркестар, драмски и литературни групи, ликовно творештво и сл.)

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко.

Институции од областа на културата

Во текот на годината се организираат посети на музеи(Музеј на град Скопје, на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, природо-научен музеј „Никола Незглобински“ и Заливот на коските), цркви(Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум), археолошки локалитети(Тумба-Маџари, Скупи, Стоби, Хераклеа).

Училиштето остварува соработка со театарот„Чекори“ и ансамблот на народни песни и игри „Јончe Христовски“.Во зависност од интересот на учениците се организира и посета на театарски и кино претстави.

Институции од областа на образованието

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ,Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта, Филозофскиот и Педагошкиот Факултет.Соработката со основните училишта од општина Гази Баба, градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско - рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

Се остварува соработка со УКИМ- Филозофскиот Факултет, Институт за педагогија при организирање на педагошка и методска практика на студентите како и со Институт за психологија при организирање на задолжителна пракса на студентите.

Невладини организации

Училиштето остварува соработка со Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба, СОС Детско Село Македонија, Црвениот Крст на Македонија, Прва детска амбасада “Меѓаши” и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

Спортски друштва

Уилиштето соработува со повеке спортски клубови: ракометниот клуб „Металург“, кошаркарскиот клуб “Феникс“, „Кик-бокс “ клуб за боречки вештини и одбојкарскиот клуб „Автокоманда“ , клуб за модерни танци ,,Еурека,, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

Здравствени организации

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ Поликлиника „Ченто“, Амбуланта Автокоманда ,Заводот за ментално здравје и други институции кои пружаат здраствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

Медиуми (со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година преку разни списанија и весници,стручни списанија, како Просветен работник, Просветно дело , Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Цел	Одговор лица	Начин и вре е на следење	Очекуван и резултати	Кој треба да биде информиран за следењето
Планирање,програмирање и подготовка на сите нивоа	Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа	Директор, стручни соработници, заменик директор	-Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата -Август, ноември,февруари, мај	Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во училиштето	Директор Наставници, Родители, ученици
Следење, проверување и оценување на успехот на учениците	Подобрување на успехот кај учениците	Одделенски и предметни наставници и БРО преку одговорен советник	Усно испитување, писмени работи , тестови, практична работа, тековни следења Континуирано	Подобрен успех и повисоки резултати	Стручни соработници Родители, ученици
Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците	Зголемено користење на современи методи и техники во наставата	Директор, стручни соработници, заменик директор	Посета на наставни часови, примена на инструмент за следење на наставата Октомври, декември, март, мај	Успешно изведување на наставна дејност и користење на современи методи и техники	Директор, Стручни соработници наставници
Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар	Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса	Стручни активи, Предавачи од акредитирани институции, БРО и др.	Состаноци на стручни активи, отворени часови посета на семинари, обуки и самообразование Согласно програмите на стручните активи	Постојано развивање на компетенциите на кадарот во училиштето заради одржување на висок	Директор Тим за професионален развој Стручни соработници
Водење на	Уредно	Директор,	Увид во	Точно,	Директор,

педагошка евиденција и документација	водење на педагошка евиденција и документација	стручни соработници,заменик директор, одговорен советник при БРО и Просветен инспекторат	педагошката евиденција и документација Септември, ноември,февруари, мај	навремено, прецизно внесување	Стручни соработници, Одговорни наставници
Користење на информатичко комуникациска технолологија во настава	Зголемување на искористеност на компјутерите во наставна и воннаставна дејност	Директор, стручни соработници, заменик директор	Посета на наставни часови Октомври, декември, март, мај	Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови	Директор, Стручни соработници, Наставници
Изработка на извештаи, анализи и информации	Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето	Директор, стручни соработници, задолжени наставници	Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови Тромесечно , полугодишно и годишно	Подобар квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа	Родители, Ученици,
Реализација на годишна програма	Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето	Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Локална самоуправа и одговорен советник при БРО	Состаноци , анализа на извештаи, Програма за следење Континуирано	Реализирана програма	Општина, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ

24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани сите воспитно - образовни активности, одредени задачи и цели, како и начинот на координирање на активностите на сите субјекти во училиштето, непосредно и општествената заедница и истата се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување.
Евалуацијата на Годишната програма за работа го вклучува квалитетот во работата, односно придонесува за воочување на силните и слаби страни во работењето на училиштето.Добиените резултати овозможуваат поставување приоритетни подрачја за следната учебна година. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели.

Подрачја на евалуација и индикатори :

ПОДРАЧЈЕ1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ

1.1 Планирања на наставниците
• Поддршка и следење на планирањата на наставниците
• Размена на искуства и на информации при планирањето
1.2 Наставен процес
• Реализација на наставни планови и програми
• Избор на наставни предмети
• Избор на задачи, активности и на ресурси
• Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно
• Реализација на образовна инклузија
• Активности за меѓуетничка интеграција во образованието
1.3 Искуства на учениците од учењето
• Средина и атмосфера за учење
•Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците
1.4 Оценувањето како дел од наставата
• Училишна политика за оценување
• Методи, форми и инструменти на оценување
• Коефициент на континуитет на успехот на учениците
• Користење на информациите од оценувањето во наставата
1.5 Воннаставни активности и натпревари
• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности
• Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на
наставата со воннаставните активности
• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности

• Натпревари

ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

2.1 Постигања на учениците
• Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди
• Резултати од екстерни тестирања
• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост
• Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците
2.2 Мерки за подобрување на постигањата
• Редовност во наставата
• Советување на родители/старатели и ученици
• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

3.1 Училишна клима
• Углед/имиџ на училиштето
• Кодекс на однесување
• Училишна клима
• Поведение и дисциплина во училиштето
• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми
3.2 Еднаквост и правичност
• Познавање и почитување на правата на децата
• Еднаков и правичен третман на сите ученици
3.3 Партнерски однос со заедницата
• Соработка на училиштето со родителите/старателите
• Соработка со општината и со урбаната заедница
3.4 Севкупна грижа за учениците
• Превенција и заштита од насилство
• Заштита од пушење, алкохол и од дрога
• Квалитет на достапна храна
• Хигиена и заштита од болести
• Грижа за безбедноста на учениците и вработените
• Грижа за учениците од социјално загрозените семејства
• Грижа за учениците со здравствени проблеми
• Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците
• Давање помош при изборот за продолжување на образованието

ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

4.1 Управување и раководење со училиштето
• Управување со училиштето
• Раководење со училиштето
- Управување и раководење со ресурсите
- Раководење со кадарот

• Следење и унапредување на наставниот процес
4.2 Цели и креирање на училишната политика
• Процедури за креирање на училишната политика
• Резултати од развојното планирање
• Планирање и управување со училишниот буџет

За евалуација на работата на училиштето ќе се прибираат повеќе индикатори, односно докази: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата..

25. Заклучок

Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 год е планирана целокупната воспитно-образовна дејност, носителите на активностите како и начинот на нивно координирање во училиштето и во непосредната локална заедница. На тој начин се обезбедува перманентно подобрување на квалитетот на воспитно-образовните активности и условите за учење што допринесува за целокупниот развој на учениците и севкупниот училишен живот. Со годишната програма за работа е направен обид да се разработат и конкретизираат воспитно - образовните цели и задачи, да се синхронизираат сите работни задачи, да се обезбеди следење и информирање за квалитетот на извршената работа и објективно вреднување на постигнатите резултати. Училиштето ќе настојува да обезбеди висок степен на одговорност и професионалност во извршувањето на поставените цели и задачи.

Степенот на реализација на планираните активности не зависи само од квалитетот на годишната програма, туку и од ангажманот на сите вработени, помошта и поддршката од родителите на учениците и поширокатa општествена заедница. Реализацијата на програмските активности ќе придонесе за унапредување на воспитно-образовниот процес односно напредок на учениците согласно индивидуалните можности, способности и интереси, наставници компетентни за имплементација на имплементација на реформи и современи приоди во наставата, активна вклученост на сите субјекти во планирањето и остварувањето на поставените училишни приоритети, мисија и визија.

26. Годишната програма за работа на училиштето е изработена од страна на тимот:

Лилјана Стефановска -директор

Биљана Василевска-педагог

Билјана Теовска-дефектолог

Александра Атанасовска Крстевска -психолог

Татјана Арсова-наставник по англиски јазик

Анета Младеновска-одделенски наставник

Славица Стојаноска- одделенски наставник

Владанка Михајловска- наставник по информатика

Илијана Боневска -ученик, претставник од Ученички парламент

Користена литература:

1. Законот за основно образование;

2. Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;

3. Концепција за деветгодишно образование;

4. Концепција за воннаставни активности во основното образование;

5. Правилник за формата и содржината на развојната програма на училиштето;

6. Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;

7. Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;

8. Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта;

9. Наставни планови и наставни програми за деветгодишно основно образование;

10.Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;

11.Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта;

12.Концепција за инклузивно образование;

13.Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование;

14.Правилник за начинот на изведување екскурзиите, излетите и другите вонучилишшни активности на учениците од основните училишта;

15.„Надарено дете“ – проф. д-р Виолета Арнаудова и проф. д-р Елена Ачковска;

16.„Пат до објективно оценување“ – Г. Ѓоргиевски, Р. Петковски;

17.„Училишна докимологија“ – К. Поповски;

18.Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците – К. Поповски;

19.Професионална ориентација и избор на професии – И. Цветковски;

20.Професионална оријентација у основној школи – Ф. Јакелић;

21.Водич за работа на инклузивен тим – Биро за развој на образованието

М.П

Претседател на УО

_____

/ Марија Вуксан Маринковиќ /

Директор

_____

/м-р Лилјана Стефановска/

ПРИЛОЗИ

Прилог 1

Програма за работа на директорот

Тргнувајќи од фактот дека воспитанието и образованието се општествени категории кои се реализираат во училиштето како специфична општествена институција чиј претставник е директорот, чија работа е многу значајна за оживување на работата на сите подрачја од внатрешната структура на училиштето и за работата на сите наставници. Директорот како орган на раководење и педагошки раководител на училиштето ги офаќа сите подрачја од воспитно-образовната работа кои се зацртани во годишната програма, а во согласност со одредбите од Законот за основно образование, Годишната програма на училиштето, одлуките на Училишниот одбор, Советот на родители, насоки од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.

Реализацијата на програма ќе се потпира на континуираната соработка со локалната самоуправа, соработка со другите основни училишта како и други организации и установи во општината.

Суштината на планирањето во нашето училиште се состои во реално предвидување на иднината и успешно реализирање и остварување на предвиденото. За успешно извршување на својата работа директорот своето дејствување го насочува кон реализирање на следниве подрачја:

- Административно – организаторско подрачје
- Педагошко – инструктивно подрачје

Административно-организациски задачи

- Цели: Успешна подготвеност за нормално одвивање на воспитно- образовната работа, почитување на законските регулативи и грижа за осовременување на училиштето
- Очекувани ефекти: постигнување на ефикасност во функционирањето на целокупната работа во училиштето, осовременување на воспитно- образовната работа, модернизирање на просторот и сретствата за работа
- Форми на работа: консултации, разговори,соопштенија и др.
- Соработници: наставници, педагог,социолог, дефектолог, психолог,секретар
- Време на реализација: континуирано цела година

Педагошко – инструктивни задачи

- Цели: унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето

- Очекувани ефекти: успешен почеток и тек на учебната година, подигање на повисоко ниво на организационата поставеност на училиштето, ефикасност во функционирањето на целокупната работа на училиштето, осовременување на воспитно-образовната работа
- Форми на работа: консултации, разговори, соопштенија, анкети и др.
- Соработници: наставници, педагог, социолог, психолог, дефектолог, секретар.
- Време на реализирање: континуирано цела учебна година.

Директорот на училиштето ги извршува работите и работните задачи од повеќе подрачја. Примарна компонента во целокупната програма за работа е однапред концепирана активност во организирањето, координирањето и раководењето со работата на сите субјекти кои ги остваруваат посебните програми за работа во рамките на Годишната програма за работа на училиштето.

Професионални компетенции на директорот

Професионалниот развој на директорот произлегува од активностите на унапредување на системот за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето. Директорот како раководен орган во училиштето постојано ги следи општествените промени кои ги имплементира во животот и работата на училиштето. Директорот е посветен на сопственото професионално усовршување и професионално усовршување на наставниот и стручниот кадар кои ќе допринесат за квалитет во работата.

Унапредувањето на професионалните компетенции на директорот произлегуваат од професионалните вредности, знаења и вештини кои ги опфаќаат следниве подрачја:

- Водство
  - стратешко водство
  - училишна клима и култура
  - соработка со родителите и заедницата
- Раководење со човечките ресурски
  - комуникации и односи со јавноста
  - унапредување на меѓучовечките односи
  - професионален и кариерен развој
  - обезбедување на кадар, работно воведување и ангажирање
- Предагошко раководење на училиштето
  - планирање
  - поддршка на наставата и учењето

- обезбедување на квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)
- создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

- Финансиско раководење
- раководење со финансиските ресурси
- раководење со материјалните ресурси

- Законско и административно работење на училиштето
- примена на законските и подзаконските акти
- изработка и примена на интерни акти и документација
- раководење со административните процеси
- примена на информациските системи во училиштето

Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и друга стручно-педагошка работа во училиштето

- Увид, следење, координирање и насочување на наставата и воспитно-образовната дејност од страна на наставниците (годишните, тематските, дневните и друг вид планирања);
- Увид, контрола и следење на остварувањето на стручните, оперативно-организаторските, материјално-техничките и дидактичко-методиските подготовки за реализација на наставната и воннаставната воспитно-образовна работа од страна на наставниците и другите носители;
- Следење на непосредната реализација на задачите и содржината на наставата, воннаставната дејност, од аспект на општата организација и артикулација на наставните часови (преку посета на наставни часови), примена на современи форми и методи, застапеноста и користењето на современите наставни средства и други технички помагала, воспитната насоченост и слично, во рамки на мрежно планирање;
- Водење на евиденција на планираните и реализираните посети на наставните часови, часови на слободните ученички активности и други форми на непосредна воспитно-образовна работа со учениците од аспект на планирањето и програмирањето на содржините, подготовката , непосредната организација, како и успешноста на реализација на целите, задачите и соржините со определена динамика, согласно мрежното планирање на активностите;
- Остварување на задолжителните разговори, консултации, советувања, и давање помош на наставниците за подобрување на состојбата, унапредување и усовршување на наставата и другата воспитно-образовна дејност;

- Иницирање, координирање, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето со максимална лична партиципација, оценување и анализа на состојбите и постигнатите резултати;
- Учество во остварувањето на задачите во врска со вреднувањето на работата на наставниците и другите стручни соработници според критериумите на методологијата на вреднување на воспитно-образованата работа на училиштето.

Перманентно стручно, педагошко-психолошко усовршување на наставниот и стручниот кадар во училиштето

- Планирање на потребите и упатување на кадарот на стручно усовршување надвор од училиштето, организирано од страна на соодветни стручни институции во вид на семинари, обуки, симпозиуми и други форми;
- Следење и координирање на планирањето, програмирањето и реализицаијата на разните форми на активности на стручно усовршување на кадарот во рамките на училиштето, како и укажување помош на соодветни служби во непосредната организација и реализација на стручното усовршување;
- Грижа за обезбедување на училиштето со неопходната стручна литература и стручни списанија, како и поттикнување и упатување на кадарот за користење на истата, првенствено преку личен пример и презентација на материјали од корист за конкретни активности кои се од интерес за работата на училиштето;
- Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување и учество на советување, семинари и други форми организирани од страна на стручни институции;
- Изготвување на соодветни стручни материјали за потребите на стручно усовршување во училиштето и надвор од него и учество на кадарот во изготвување на истите.

Работа со наставниците и друг стручен кадар – почетници

- Планирање и воведување во работата;
- Одредување ментор на секој почетник и следење на тимот;
- Запознавање со концепцијата и општата програмска структура и можностите на училиштето да ги остварува целите, задачите и содржините на основното образование и воспитание;
- Воведување во задачите на наставните предмети кои ги предава наставникот-почетник во работата и образовните услови во училиштето за реализација на истите;
- Запознавање со неопходните видови планирања, како на ниво на училиште така и за наставниот предмет и другите задолженија на наставникот-почетник;

- Непосредна стручна и дидактичо-методска помош во реализација на наставата и другата воспитно-образовна дејност и упатување на соработка со поискусни наставници, развивање и негување на тимска работа и учество во активите;

Работа со стручните органи во училиштето

- Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет на училиштето и грижа за реализација на програмските задачи;
- Подготовка и активно учество на седниците на Наставничкиот совет (планирање на содржините на дневниот ред на состаноците, задолжување на одделни наставници или други субјекти за подготовка на материјали, подготвување на предлог-заклучоци, препораки и слично што треба да се усвои на Наставничкиот совет, определување на времето на состаноците, навремено известување на членовите на советот, укажување како да се подготват конструктивни дискусии, планирање на времетраењето на излагање на секој поединци итн.;
- Раководење со седниците на советот, грижа за квалитетна работа во интерес на донесување на адекватни заклучоци и придонес во разрешување на проблемите;
- Јавност и транспарентност во работењето;
- Воведување во демократска атмосфера на раководење, со чист и јасен пресек на должностите и обврските на секој поединец, неговите ингеренции, хоризонтална и вертикална синхронизираност на заедничкото делување на колективот;
- Помош во планирањето и програмирањето на работата на Одделенскиот совет на родителите на одделенскиот совет;
- Следење и реализација на пропишаните задачи на Одделенскиот совет на родителите и на одделенскиот раководител, координирање и насочување на нивните квалитети и насочување на нивните активности и укажување на соодветна стручна и друга помош;
- Одредување на критериумите за формирање на Стручните активи на принцип на мултидисциплинарност, сродност и проодност на информациите, се со цел заедничко синхронизирано работење и унапредување на воспитно-образовниот процес во целина;
- Помош и учество во формирањето на Стручните активи, нивно конституирање и планирање на работата, како и нивната работа по потреба;
- Следење, насочување, поттикнување и координирање на работата на Стручните активи;
- Непосредно учество на работата на стручните органи со презентирање на соодветни прилози, зајкнување на тимската работа и создавање на силен колективен дух помеѓу сите учесници во работата на активите;
- Општа и целосна грижа за унапредување на рабоата на стручните органи и стручните активи во училиштето.

Аналитичко-студиска работа

- Проучување и анализирање на карактеристични проблеми на наставно-образовниот процес (воспитни проблеми, општи наставни проблеми, одделни проблеми на паралелки и наставни предмети, проблеми во врска со активноста и работата на учениците итн.) ;
- Проучување и анализирање на глобалното планирање на ниво на училиште, како и планирањето и програмирањето на наставниците и другите стручни соработници;
- Изготвување на анализи, осврти, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализацијата на програмите во воспитно-образовната работа, успехот на учениците, организациската поставеност и работа на ученичките оганизации и нивните слободни активности, педагошка документација, резултатите од наставно-воспитниот кадар и сл. ;
- Упатување и оспособување на наставниците и другите стручни соработници за аналитичко-студиска работа;
- Унапредување на сопствениот едукациски потенцијал и самообразование во соработка со соодветни институции, други директори, наставници.

Соработка со учениците и нивните организации

- Укажување стручна и друга помош во конституирањето и организациската поставеност на ученичките заедници на паралелките, општествените организации на учениците за нивните слободни активности;
- Следење на состојбата, насочување на активностите и учество во давањето помош во врска со планирањето и програмирањето на работата и реализација на програмските содржини на ученичките заедници, организации, слободни актвности;
- Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации и формите на ученичко организирање;
- Учество во насочувањето и давањето помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците во училиштето и користењето на нивното слободно време;
- Вклупување на учениците во работата на стручните органи во училиштето;
- Координирање и насочување на активностите и непосредната работа со одделни категории ученици (талентирани, со послаб успех, со посебни потреби, социјални случаи и сл.) како и укажување на соодветна помош на наставниците за унапредување на формите и методите на работа со различни категории ученици и итн.

Соработка со родителите на учениците

- Учество во планирањето, координирањето и насочувањето на реализацијата на разновидните форми на соработка меѓу училиштето и родителите на учениците, а особено преку Советот на родители;
- Планирање и подготовка и реализација на родителските средби на ниво на училиште;
- Помош во планирањето, програмирањето и насочувањето на активностите за информирање на родителите и учениците по паралелки и одделенија и на состаноците на Советот на родители;
- Организирање и координирање и насочување на активностите за информирање на родителите и учениците за животот, работата и постигнатите резултаи на учениците и училиштето, како и вклучување на родителите во подобрување на условите за работа на учениците во училиштето;
- Непосредно учество во реализацијата на формите на педагошко образование на родителите, како и укажување помош во реализација на овие задачи од страна на наставниците и другите стручни соработници на училиштето;
- Следење, насочување и непосредно учество во реализација на индивидуалните и групните форми на советодавна работа со родителите на одделни категории ученици (ученици со потешкотии, со девијантно однесување, талентирани ученици и сл.);

Соработка со органите на управување

- Во реализирањето на системот на управувањето директорот како член на работната заедница и како раководител на училиштето со својата работа ќе придонесува за развојот на управувањето на училиштето , пред се заштита на законитоста на работењето. При реализација на таа задача директорот дава перманентна стручна помош на органот на управување која се состои во подготвувањето на заклучоци, одлуки и нивно спроведување во пракса;
- Директорот ќе ги спроведува и извршува одлуките на Училишниот одбор кои се во согласност со позитивните законски прописи, нормативи, акти и перманентно ќе ги следи законските прописи, со цел нивно аплицирање и практична соодветна примена во сите сегменти на кои тие се однесуваат од делокругот на училиштето.

Работа на директорот како претставник на училиштето

- Во границите на своите овластувања и должности директорот ќе биде во постојана соработка со Општина Гази Баба, Град Скопје, БРО, МОН, општествените , синдикалните и други организации заинтересирани за воспитно-образовната работа на училиштето.

- Посебни активности остварува со претпријатија, индустрија, трговија, услуги, а особено со органите на локалната самоправа за реализација и организирање на давање помош за подобрување на условите за работа на учениците во училиштето. Со овие активности и активна ангажираност на училиштето во општествената средина ќе придонесе за поголема афирмација на училиштето во рамките на градот и пошироко.
- Директорот и сите вработени, заедно со Училишниот одбор и Советот на родители ќе иницираат и развијат соработка со дипломатски претставништва, конзулати, хуманитарни организации регистрирани во РМ, со цел преку заедничкото запознавање да се добие вистинска слика за нашата земја и предностите, проблемите, реалниот живот и потенцијалите на Република Македонија со цел запознавање на поширокатa светска јавност со нашата земја, училиштето и можностите на учениците.

Работа на директорот во управно-правните, административните и материјално-финансиските работи

- Во остварувањето на својата управна функција директорот се грижи за доследно спроведување на законот за основно образование, нормативните акти сврзани со основната задача на училиштето и други закони, прописи, нормативи и акти кои се однесуваат на училиштето како интегрална целина и дел од општествената заедница;
- Наставните планови и програми и нивната реализација се приоритет во работата на директорот кој се грижи за спроведување на нормативните акти на училиштето, водејќи сметка за сестрана диспциплина и одговорност во работата на сите членови на работниот колектив.
- Директорот ќе дава помош во административната работа и реализирањето на материјално-финансиското работење. Посебна грижа на директорот е да води сметка за поголема ангажираност и рационалност на овој вид работа. Директорот мора да ги имплементира во пракса законските прописи и да врши усогласување на актите на училиштето со тековната законска регулатива на сите полиња од делувањето.

Годишна оперативна програма за административно-организаторската и педагошко-инструктивната работа на директорот

Програмска содржина	Очекувани резултати	Соработници	Време на реализација
1.Изготвување оперативна програма на активности за период Јуни-Август, решенија за годишен одмор	Континуирана реализација на предвидените активности и изготвени решенија за годишен одмор	Директор, стручни соработници, наставници, секретар	Јуни Август
2.Утврдување на општите состојби во училиштето за остварување на дејноста (снимање на состојбите)	Подобрување на условите за учење и работа во училиштето	Директор, стручни соработници, тимови за развој на училиштето	Јуни
3.Изготвување предлог-распределба на одделенски раководства и распределба на часови	Правилна распределба на годишниот фонд на часови и соодветна распределба на одделенски раководства	Директор, наставници	Јуни
4.Изготвување Годишна програма за работа на Наставничкиот совет и стручно усовршување на наставниците	Изготвена годишна програма за работа на Наставничкиот совет и континуирано стручно усовршување на наставниците	Директор, стручни соработници, стручни активи, наставници	Август
5.Изготвување Годишна програма за работа на Директорот	Изготвена програма која придонесува за развој на воспитно-образовната работа на училиштето	Директор	Август
6.Помош во изготвување на планирањата на наставниците, стручните работници и административно-техничкиот персонал	Овозможена стручна поддршка и помош во планирањата на наставниците и административно-техничкиот персонал	Директор, стручни соработници, наставници, административно-технички персонал	Август
7. Изготвување Годишна програма за работа на училиштето	Изготвена Годишна програма за работа на училиштето согласно позитивните законски одредби	Директор, стручни соработници, тимови за изработка на ГП	Август

8. Изготвување на програма за слободни ученички активности	Изработена квалитетна програма за слободни ученички активности	Директор, стручни соработници, предметни и одделенски наставници	Август
9. Изготвување распоред на часови, организирање на додатна и доплнителна настава	Изготвен распоред на часови, организирана додатна и дополнителна настава согласно позитивните законски одредби	Директор, наставници	Август
10. Увид во Годишните и тематските планирања и програмирање на наставата и воспитно-образовната работа	Обезбеден квалитет на Годишните и тематските планирања и соодветно програмирана настава и воспитно-образовната работа	Директор, стручни соработници, наставници	Септември
11. Преглед на одделенските дневници, главните книги и другата педагошка документација	Целосни и точни податоци во одделенските дневници, главните книги и другата педагошка документација	Директор, комисии за прегледување на педагошка евиденција и документација	Октомври Јули
12. Увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања/сценарија	Дневни планирања/сценарија кои даваат квалитет во учењето	Директор, стручни соработници, наставници	Ноември - Април
13. Увид, контрола и следење на остварување на стручните, оперативно-организаторските, материјално-техничките и дидактичко методските подготовки за реализација на наставата	Настава реализирана со соодветни материјално-технички средстваи дидактичко методски материјали	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
14. Следење на реализацијата на воннаставните активности	Квалитетно реализирани воннаставни активности кои ги задоволуваат различните интереси и ги продлабочуваат знаењата на учениците	Директор, стручни соработници, наставници, тим за настава и учење	Континуирано
15. Посета и водење евиденција за посетени часови	Обезбеден квалитет на наставата преку програмска посета и увид на наставните часови	Директор, наставници	Континуирано

16. Аналитичко-истражувачка работа Планирање и реализирање на воспитните задачи во наставата по образование на животни вештини	Постигнати воспитно-образовните цели и задачи во наставата по образование на животни вештини	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
17. Остварување на разговори, консултации, давање помош на наставниците за подобрување на состојбите и унапредување на воспитно-образовната дејност	Добри меѓучовечки односи и релаксирана училишна клима и култура	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
18. Иницирање, насочување и активности за осовременување на наставата, примена на современи наставни средства, вклучување во нови проекти	Современо училиште кое учествува во проекти и активности кои допринесуваат за поголема самодоверба, иницијативност и продлабочени знаења кај учениците	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
19. Грижа за обезбедување на училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата	Обезбедена соодветна стручна литература и лектирни изданија	Директор, библиотекар, наставници	Континуирано
20. Упатување на воспитно - образовниот кадар и стручните соработници на стручно усовршување и увид во ЛППР	Котинуиран професионален развој на воспитно - образовниот кадар и стручните соработници	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
21. Непосредна стручна, методско - дидактичка помош во реализација на наставата	Успешна реализација на наставата со примена на нови наставни методи, форми и соосветни дидактички материјали	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
22. Непосредно стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: -наставник почетник -новодојден наставник во училиштето	Дадена соодветна стручна помош на наставник почетник и новодојден наставник	Директор, стручни соработници, наставник почетник, наставник ментор	Континуирано

23. Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет, раководење со истиот	Работа на Наставничкиот совет соодветно позитивните законски одредби	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
24. Планирање, реализација и раководење со Одделенските совети	Работа на Одделенските совети соодветно позитивните законски одредби	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
25.Учество во работата на стручните активи	Увид и стручна помош во работата на стручните активи	Директор, стручни активи	Континуирано
26. Учество во работата на Советот на родители	Стручна помош и активна соработка со Советот на родители	Директор, членови на СР	Континуирано
27. Учество во работата Училишниот одбор	Стручна помош и активна соработка со Училишниот одбор	Директор,членови на УО	Континуирано
28. Увид во изготвување на извештаи за успехот на учениците: - тримесечни - полугодишен - годишен	Изготвени тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот, постигањата и поведението на учениците	Директор, стручни соработници, наставници	Јануари Јуни
29. Анализа на успехот и поведението на крајот на првото и третото тримесечје	Согледани насоки на движење на успехот и поведението на учениците за секое тримесечје и соодветно постапување согласно тенденциите	Директор, стручни соработници, наставници	Ноември Април
30. Инструкции за водење на педагошката евиденција и документација	Правилно водена педагошка евиденција и документација	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
31. Укажување помош во програмирањето, конституирање и работа на: Детска организација, ПЦК, Одделенски заедници и Училишниот парламент	Програмска и активна работа на Детската организација, ПЦК, Одделенските заедници и Училишниот парламент	Директор, ученици, одговорни наставници	Континуирано
32. Помош во работата на новодојдените ученици	Добиена соодветна помош и поддршка на новодојдените ученици	Директор, стручни соработници, наставници	Септември

33. Работа со учениците кои покажуваат слаби резултати во учењето и покажуваат девијантно однесување	Добиена соодветна помош и поддршка на учениците кои покажуваат слаби резултати во учењето и покажуваат девијантно однесување	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
34. Насочување и давање помош во организирање на културниот живот на учениците и општествено корисната работа	Учество во културниот живот на нашата држава и извршување на соодветна општествено корисна работа	Директор, ученици, одговорни наставници	Континуирано
35. Соработка со разни организации и институции	Соработка со МОН, БРО, Општина Гази Баба, невладините организации и деловната заедница	Директор, стручни соработници, наставници	Континуирано
36. Планирање и реализација на состаноците со родителите	Програмски утврдена реализација на состаноците со родителите	Директор, одделенски наставници и раководители	Континуирано
37. Организирање и координирање на активности за информирање на родителите (индивидуални и групни средби)	Континуирано информирани родители за успехот и поведението на учениците	Директор, одделенски наставници и раководители	Континуирано
39.Увид во водењето на Е-Дневници, ЕМИС и ХРМ	Навремени и точно внесени податоци во Е-Дневник, ЕМИС и ХРМ	Директор, наставници	Континуирано
40. Увид во примената на критериумите за оценување и примена на Етичкиот кодекс во оценувањето	Почитување на критериумите за објективно однесување и примена на етичкиот кодекс во оценувањето	Директор, стручни соработници, наставници	Октомври-Декември

Директор: м-р Лилјана Стефановска

Прилог 2

Годишна програма за работа на педагогот

Програмата за работа на педагогот е изработена во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 год., годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 год. и правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта.

Работни задачи по подрачја

	Предвидена активност	Соработници	Реализација	Ресурси	Очекувани ефекти	Индикатори/докази
Работа со ученици						
поддршка на учениците во учењето	Учество во комисија за запишување ученици во прво одделение Процена на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем	психолог дефектолог наставници-членови на комисијата за запишување деца во прво одделение	мај	Процедура за запишување деца во прво одд. Нагледни материјали, сликовници , хартија, боички	Запишани ученици во прво одделение	Известување за запишување деца во прво одделение Одлука за формирање комисија за запишување деца во прво одделени Покани, извод, потврди Список на запишани ученици во прво одделение
• Подготовка на литературно читање и прогласување на најдобрите читатели; • Консултации со наставниците и стручните органи на училиштето за набавка на лектири; • Натпревар на млади библиотекари со талентирани ученици; • Учество во одбележување на 11-ти Октомври; • Посета на редакцијата на Детска Радост • Маркирање на книги и инвентирање; • Запознавање со нови изданија; • Запишување на второодделенците во училишната библиотека • Учество на учениците на распишани конкурси од општина и други институции; • Осмислување на активности во рамките на месецот на книгата;	-Поттикнување на учениците за творење, лични творби - Обнова на библиот. фонд - соработка со наставници и стручни активи - Снабдување на учениците и наставниците со лектирни изданија - поефикасна работа во наставата - Заштита и оддржување на книгите -Запознавање со начинот на функционирање на библиотеката како дел од училиштето - поттикнување на читателски интерес - запознавање со начинот на користење на книгите и обврските на учениците кон училишната библиотека	Октомври

• Часови со ученици од секцијата “Книгата отворен прозорец кон светот”; • Размена на мислење со наставници за формирање навики за читање на книги од библиотека; • Учество во одбележување на 23-ти Октомври; • Одбележување на патрониот празник на училиштето • Организирање изложба по повод месецот на книгата • Организирање активност "Подари книга" во училишната библиотека • Избор на најдобри литературни творби по повод месецот на книгата	- соработка со локална самоуправа - поттикнување на учество во воннаставни активности и поттик за творење	Октомври
• Разговор со учениците редовни читатели за другарување со книгата; • Делење на детски печат; • Популаризирање на ново издадени книги од наши писатели; • Лепење на оштетени книги; • Укоричување; • Читање за Скопје и најдобри песни посветени за Скопје; • Посета на НУБ “Св. Климент Охридски”; • Изработка на листа на најомилени писатели – живот и дело; • Перманентно следење и одржување на материјалите и техничко уредување	-Одбележување на месецот на книгата - подигнување на свеста за значењето на книгата - поттикнување на учениците за творење лични творби	Ноември

• Разговор со библиотекарска секција на тема “Книгата непресушен извор на знаење”; • Систематско запознавање на учениците со изворите на знаења и книжниот фонд; • Разговор со учениците од второ одделение за книгите кои се наменети за нивна возраст; • Посета на Детски креативен центар • Литературно читање – зима и Нова Година; • Читање на новогодишни желби; • Избор на читател за првото полугодие; • Препорака на книги за зимскиот распуст; • Испраќање на ученички творби; • Средување на позајмените книги од првото полугодие; • Уредување на паното и изготвување извештај за работата на училишната библиотека во првото полугодие	- соработка со други библиотеки - поттик за понатамошно читање и посета на училишната библиотека - наоѓање методи за поттик и интерес кај учениците за читање книги - комплетирање на книжниот фонд - водење евиденција за реализацијата на програмата за прво полугодие - соработка со ученици, наставници, директор, стручни соработници, локална самоуправа, родители	Декември
• Увид во картони на читатели; • Предлог за отпишување на дотраени книги;	- бришење од евиденција на непотребните книги и соработка со Училишен одбор	Јануари
• Литературно читање со писател за деца; • Изложба; • Учество во разни ученички списанија; • Изработка на мини проект за истакнат македонски писател;	- јакнење на свеста за значењето на македонската книжевност - запознавање со творештвото на македонските писатели	Февруари

• Конкурс за 8-ми Март; • Посета на книжарница; • Внесување на податоци за најинтересни книги; • Гледање на филм снимен според некоја обработена лектира • Организирање на литературно читање; • Разговор за дела од жени - писатели	- поттикнување на учениците за творење лични творби - истакнување на улогата на жената во општеството	Март
• Разговор на тема книга; • Одбележување на меѓународниот ден на детската книга; • Одбележување на 23-ти Април – Меѓународен ден на библиотекари; • Посета на саемот на книгата – организирано одење на учениците; • Посета на училишна библиотека во општината;	- развивање на саемска култура, култура на купување книги и преглед на новоиздадени книги - соработка со други библиотеки на локално ниво	Април/Мај
• Нарачка на учебници за наредната учебна год. • Посета на печатница • Спроведување акција – “Подаруваме книга”; • Избор на најдобра творба за Св. Кирил и Методиј • Пофалби и награди на најактивните членови на секцијата и на учениците кои се редовни читатели; • Систематско запознавање на учениците со изворите на знаења и книжниот фонд; • Изложба на книги по повод денот на Словенските просветители Св.Кирил и Методиј и Св. Наум Охридски;	- користење на книгите за различни видови активности - вклучување на учениците во чествувањето на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј и Св. Наум Охридски	Мај Мај
• Посета на Градска библиотека; • Изложба на лектири од прво до деветто одделение; • Враќање на учебници од учениците; • Сумирање на резултатите; • Евиденција на книгите и средување на истите; • Изготвување извештај за работата на училишната библиотека во учебната 2024/2025	-Поттик за понатамошно читање и посета на училишната библиотека - Евиденција на учебниците според Правилникот за учебници и комплетирање на книжниот фонд - Водење евиденција за реализацијата на програмата за учебната 2024/2025	Јуни

Библиотекарска секција

Работата со библиотекарската секција, како и корелативната соработка со другите секции претставува исто така значаен дел од воспитно - образовната работа со учениците. Училишната библиотека редовно планира и учествува во реализација на културно – просветните манифестации во училиштето во соработка со Локалната самоуправа – општина Гази Баба, Скопје. Младите библиотекари редовно земаат учество на општинскиот натпревар за библиотекарство „Младиби блиотекари“, а исто така и секоја година го посетуваат саемот на книгата, како и други училишни, градски и народни билиотеки, книжарници, печатници и издавачки куќи. Работата со библиотекарската секција се реализира со ученици од шесто до деветто одделение. Часовите се одржуваат во просториите на самата библиотека два пати месечно. Во прилог се дел одактивностите кои се предвидени да се сработат со членовите од библиотекарската секција во текот на учебната 2024/25 год.

- формирање на секцијата и запознавање на членовите со нивните задачи како и работата на библиотеката - средување на картотеката и на полиците со книги - украсување на паното - одбележување на празникот 8-ми Септември со литературни творби - припреми за натпревар	Септември
- одбележување на празникот 11ти Октомври со литературни творби - изготвување на покани за патрониот празник - учество во украсување на училишните паноа по повод патронот - припреми за одбележување на месецот на книгата - твориме на тема “Книгата отворен прозорец кон светот” - посета на редакцијата на Детска Радост - одбележување на празникот 23-ти Октомври - одбележување на Месецот на книгата со литературни читања, изложби	Октомври
- одбележување на роденденот на општината Гази Баба - лепење на оштетени книги - читање за Скопје и најдобри песни посветени за Скопје; - посета на НУБ „Св. Климент Охридски“;	

- изработка на листа на најомилени писатели – живот и дело	Ноември
- разговор со библиотекарска секција на тема “Книгата - непресушен извор на знаење”; - одбележување на Св. Климент Охридски - систематско запознавање на учениците со изворите на знаења и книжниот фонд; - посета на Детски креативен центар - литературно читање – зима и Нова година	Декември
-уредување на паното - насоки за второ полугодие	Јануари
- литературно читање со писател за деца - изработка на мини проект за истакнат македонски писател	Февруари
- посета на книжарница - одбележување на празникот 8ми Март - разговор за дела од жени-писатели по повод 8-ми Март	Март
- посета на саемот на книгата – организирана посета на учениците; - одбележување на 2-ри Април – Денот на детската книга и роденденот на Х.К.Андерсен - посета на училишна библиотека во општината по повододбележување на 23-ти Април – Меѓународен ден на библиотекари;	Април/Мај
- твориме за Гоце Делчев - посета на печатница - разговор за животот и делотот на Св.Кирил и Методиј - избор на најактивен член на секцијата и доделување на книга	Мај
- посета на градска библиотека - доделување на пофалници од библиотеката за акивните членови од секцијата	Јуни

***Основна приоритетна задача на училишниот библиотекар*:**

- Развивање на читателските и креативните способности, творечките потенцијали, критички и самокритички однос на учениците;
- Учениците да се оспособат за самостојно, брзо и ефикасно пронаоѓање на потребните информации;
- Да се поттикне интересот на учениците за активно учество во секаков вид на активности;
- Да се создаде навика кај учениците за почеста посета на местата каде можат да ги збогатат своите знаења;
- Градење на правилен однос кон книгата и упатување на учениците за користење на библиотечно - информативните средства;
- Упатување на учениците на изготвување и примена, бележење на потребните информации од учебничката и друга литература;
- Систематско учење на самоучење и перманентно образование.

Училишната библиотека ќе продолжи со својата мисија, да биде информациски центар кој ќе му служи на знаењето, образованието, читањето и пишувањето. Центар кој ќе ја иницира и подржува креативноста, истражувачката работа, учењето и забавата на сите ученици и наставници

Прилог 6

Програма за работа на Училишен одбор

Содржина на активностите	Време	Реализатори:
Разгледување и донесување одлука за усвојување на Годишна програма за работа на училиштето	Јули	членови на Училишниот одбор, директор
Спроведување на постапка за избор на директор	август септември	Членови на Училишен одбор
Кадровски прашања	август септември	членови на Училишниот одбор, директор
Запознавање со активности во рамки на проектите кои се спроведуваат во училиштето	септември	членови на Училишниот одбор, директор
Разгледување на измени и дополнувања во Законот на основно образование	тековно	членови на Училишниот одбор, директор
Разгледување и усвојување на предлог финансов план за работа научилиштето до основачот	декември	членови на Училишниот одбор, директор
Попис, отпис и расходување, амортизиран инвентар Усвојување на извештајот од спроведениот попис	тековно	членови на Училишниот одбор, директор, претседател на Пописна комисија
Донесување одлука за набавка и користење основни средства	тековно	членови на Училишниот одбор, директор
Разгедување на правилници, акти и други прописи и нивно усогласување со законската регулатива	тековно	членови на Училишниот одбор, директор
Анализа на извршените санации и потребните тековни и инвестициони вложувања	тековно	членови на Училишниот одбор, директор
Кооптирање нови членови во УО	декември	членови на Училишниот одбор, директор
Разгледување на финансовиот извештај и други извешти за материјално - финансовото работење во училиштето	јануари февруари	членови на Училишниот одбор, директор, книговодител
Разгледување и усвојување на годишната, завршна пресметка за материјално - финансовото работење	јануари февруари	членови на Училишниот одбор, директор
Усвојување на Извештајот за работата на	јануари	членови на Училишниот одбор,

училиштето во – I полугодие и Годишниот извештај за работа на училиштето	/февруари јуни / јули	директор
Усвојување на Извештајот за работата на директорот на училиштето во – I полугодие и Годишниот извештај	јануари /февруари јуни / јули	членови на Училишниот одбор, директор
Евалуација на развојни цели на училиштето	цела година	членови на Училишниот одбор, директор

Училишниот одбор одржува и други состаноци по потреба и решава прашања кои ќе се јават во текот на годината во рамките на своите законски овластувања.

Претседател на училишен одбор: Шенај Исмаил Кутај

Прилог 7

Програма за работа на Советот на родители

Советот на родители при ООУ „Стив Наумов“ Скопје е составен од 36 члена - претставници од советот на родители од секоја паралелка во училиштето.

Цел	Активности	Реализатор	Време	Ефект
Запознавање со Годишната програма на училиштето	Средби Разговори	Родители Наставници Стручни соработници	септември	Запознати родители со работата на училиштето
Соработка со локалната заедница	Средби Разговори Работилници	Родители Наставници Стручни соработници	октомври	Запознавање со работата на училиштето и институциите со кои училиштето соработува
Подобрување на условите за работа во училиштето	Уредување Манифестации Хепенинзи Еколошки акции	Родители Наставници Стручни соработници	декмври март април	Набавка на приоритетни материјали за училиштето Развивање на еколошка свест
Учество во училишни наставни и воннаставни активности Подобрување на ученичкиот стандард	Формирање комисии Учество во избор на понудувачи за: ужинка, осигурување, фотографирање екскурзии и прослава на полуматура	Родители	тековно	Подобрени услови за престој ,учење и работа во училиштето
Подобра соработка училиште - родители	Средби Разговори работилници	Родители Наставници Стручни соработници	тековно	Успешна комуникација на релација У-Н-Р

Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот на секој класификационен период	Презентација на успехот и поведението на учениците на крајот на класификационите периоди	Директор	ноември јануари јуни	Целосна информираност на родителите
Информирање на поширокатa заедница со работата на училиштето	Брошура, медиуми, веб страна на училиштето стручни часописи,	Директор Наставници Стручни соработници родители	континуирано	Транспарентност во работата -Промоција на постигањата
Учество во проекти кои се реализираат во училиштето	Еколошка едукација во македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство	Директор Наставници Стручни соработници Родители, Ученици	континуирано	Унапредување на воспитно образовниот процес

Претседател на советот на родители: Марија Караѓозова

Прилог 8

План и програма на Наставнички совет

Наставничкиот совет е највисок стручен орган во училиштето кој води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна дејност во училиштето.

Членови на Наставничкиот совет се сите вработени наставници, а со него раководи и за неговата работа одговара директорот на училиштето.

Наставничкиот совет работи по своја програма.

Задачи на Наставничкиот совет се:

- утврдување на задолженија на наставниците за реализација на наставата,
- разгледување и усвојување на извештаи, анализи и информации за постигањата на учениците по завршени класификациони периоди;
- утврдување на полугодишниот и годишниот успех на учениците;
- стручно усовршување на наставниот кадар преку стручни предавања и презентации

ЦЕЛИ	СОДРЖИНА И АКТИВНОСТИ	РЕАЛИЗАТОР	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА	ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ
Успешна организација на воспитно-образовната дејност	Распределба на часови и задолженија	Директор Стручни соработници Наставници	Август	Навремени подготовки за успешен почеток на учебната 2023/24г.
Успешна реализација на воспитно-образовната дејност	Усвојување на годишната програма за работа на училиштето	Директор Стручни соработници Наставници	Август	Унапредување на воспитно образовната дејност во училиштето
Споредбена анализа на успехот на учениците при премин од одделенска во предметна настава	Следење на трендот во постигањата на завршниот успех кај учениците при премин од одделенска во предметна настава	Стручни соработници	Октомври	Согледување на разликите во успехот на учениицте при премин од одделенска во предметна настава
Разгледување и усвојување на успехот и поведението на учениците	Извештаи и анализи на успехот, редовноста и поведението на учениците по завршување на првото тримесечие	Директор Стручни соработници	Ноември	Подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците
Споредбена анализа на трендовите на постигања на учениците на крајот на последните три учебни години	Изготвување споредбени анализи на успехот по предмети, одделенија паралелки,по пол и етничка припадност	Стручни соработници	ноември	Увид во напредокот и постигањата на учениците
Подобрување на квалитетот на дневните планирања и унапредување на наставата	Извештај од евалуација по посетени часови и увид во дневните подготовки во првото полугодие	Директор Стручни соработници	Декември	Примена на современи наставни средства, форми, методи, стратегии и техники на учење и поучување
Утврдување на успехот и поведението на учениците	Полугодишен извештај и анализа на успехот и поведението на учениците	Директор Стручни соработници	Јануари	Подобрување на успехот и поведението на учениците

Следење на трендот на постигањата на учениците на крајот на првото полугодие во последните три учебни години	Споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, по пол и етничка припадност	Стручни соработници	Март	Увид во напредокот и постигањата на учениците
Разгледување и усвојување на успехот и поведението на учениците	Извештај и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците по завршување на третото тримесечие	Стручни соработници Директор Наставници	Април	Подобрување на успехот и поведението на учениците
Подобрување на квалитетот на дневните планирања и унапредување на наставата	Извештај од евалуација по посетени часови и увид во дневните подготовки во второто полугодие	Директор Стручни соработници	Мај	Примена на современи наставни средства, форми, методи, стратегии и техники на учење , поучување и следење на постигањата на учениците
Согледување на постигнатите резултати на крајот на учебната година	Анализа на постигнатите резултати на учениците	Директор Стручни соработници Наставници	Јуни	Воочување на факторите кои влијаат врз успехот на учениците
Наградување ученици со континуиран одличен успех и поведение и избор на првенец на генерација	Одлука за наградување на учениците со континуиран одличен успех и ученикот првенец на генерација	Наставници Директор	Јуни	Поттикнување на учениците за постигнување подобри резултати
Усвојување на годишниот извештај за работата на училиштето	Анализа и усвојување на годишниот извештај	Директор Стручни соработници	Август	Определување приоритетни задачи за работа во идната учебна година

Наставничкиот совет, освен планираните состаноци може да одржи состаноци кои ќе произлезат од тековните активности во училиштето.

Прилог 9

Програма за работа на стручниот актив на одделенска настава за учебната 2025 / 2026 год.

Содржина	Цели	Реализатор	Време на реализа-ција	Ресурси	Очекувани резултати
Изготвување на модифицирана програма за ученици со комплексни пречки	Стекнување на компетенции на членовите на ТИУ за изработка и реализација на модифицирана програма за ученик со комплексни пречки	Билјана Теовска-специјален едукатор и рехабилитатор	Август	Упатство,стручна литература	Имплементација на стекнатите компетенции Оспособување на наставниот кадар за реализирање на наставниот процес во изработка и реализирање на модифицираната програма.
Создавање позитивна работна клима во училницата во согласност со потребите на сите ученици	Когнитивно-бихевиористички пристапи за справување со проблематичноученичко однесување	Анетка Трајкова - наставник ментор	Август	Прирачници Упатства Стручна литература	Зајакнати компетенциите кај наставниците за справување со проблематично ученичко однесување
Опис на избор на градоначалник	Практична примена на идеи,ставови,креативни вештини и техники во подигнување на свест кај учениците за значењето и соработката со локалната заедница преку ученички активности	Љубинка С.Петрушева	Ноември	Хартија,хамер 5,прибор за работа,слики,презентација,примери од училницата	Придонес, во процесот на демократско дизајнирање на училиштето во соработка со локалната зедница
Организира стимулативна средина за учење	Креирање позитивна дисциплина, стратегии и интервенции за подобрување на училишната клима,	Биљана Василевска – педагог Билјана Теовска - специјален едукатор и рехабилитатор	Јануари	Прирачници Упатства Стручна литература	Училиште во кое владее позитивна и топла клима во која сите се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самопочит, одговорност и општествени вештини

Стратегии за продлабочување на критичкото размислување кај учениците,при совладување на наставните содржини по предметот природни науки	Поттикнување на детските капацитети за критичко размислување во наставата по природни науки	Анетка Трајкова-одделенски наставник	Март	Прирачници, работни листови, лап топ, слики, листови во боја едукативни видеа смарт табла	Примена на добри практики и експерименти ,воведување на стратегии,алатки и ресурси во наставата по природни науки.
Одбележување на светски ден на здравјето Работилница-Здрав ум,здрав дух,здраво тело	Вклучивање на родителите во подигнување на свеста за создавање здрави животни навики	Анетка Трајкова-одделенски наставник,родител	Април	Смарт табла,лаптоп,презентација,работни листови,слики,работа во групи	Имплементација на процесот на демократско дизајнирање на училиштето во соработка со родители
Препознавање на лексички единици-Прибор за јадење	Примена на едукативно-дигитални алатки и ресурси кај ученици со поп во наставата по англиски јазик	Бојана Митевска-наставник по англиски јазик	Мај	Смарт табла,лаптоп,презентација ,слики,дигитални алатки ресурси и игри	Развиени способности и придонес во подобрување на постигањата кај ученици со поп преку дигитални алатки

Одговорен наставник: Анета Младеновска

Прилог 10

Годишна програма за работа на Стручниот актив на општествено- јазичната група предмети

Содржина	Цели	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани резултати
Избор на претседател на активо	Успешна реализација на воспитно-образовниот процес .	Членови на активот, стручни соработници	**јуни**	Записници и извештаи од претходната учебна година	Избран претседател на активот – Валентина Соколова
Конструктивен состанок за приоритетите на училиштето и активот и изготвување на програма за работа на активот			**август**	Наставни програми, стручна литература	Програма за работа на Стручниот актив
Интерна обука на тема: „ Когнитивно-бихевиористички пристапи за справување со проблематично ученичко однесување“	Создавање позитивна работна клима во училницата во согласност со потребите на сите ученици	Реализатор: Анетка Трајкова – наставник - ментор	**август**	Стручна литература Прирачници Упатства	Училиште во кое владее позитивна и топла клима во која сите се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самопочит, одговорност и општествени вештини.
Разгледување на наставните програми,корелација на наставните предмети	Успешна реализација на воспитно- образовниот процес	Членовите на активот и стручни соработници	**септември**	Програма за работа на активот, наставни програми	Усовршување на работата на наставникот преку размена на идеи и искуства

Насилство во спорт	Заштита од насилно однесување,анализа на предизвикувачко однесување и разрешување на конфликти, коректност која доведуваат до фер-плеј, развивање на натпреварувачки дух	Златко Димитров-наставник по физичко образование	**октомври**	Пауер поинт презентација; работен лист. Учебник ИКТ	Примена на методи, техники и вештини за заштита од насилничко однесување и решавање на конфликти ситуации.
Преродбата и културата во Македонија	Применува техники кои помагаат во воспоставување на позитивна училишна клима.	Игорче Дунимаглоски - наставник по историја	**ноември**	Топка,хамерм аркери, ИКТ секојдневни случки	Применува добри практики за создавање позитивна работна атмосфера во реална училница базирани на стратегии за менаџмент во училница.
Анализа на полугодишните оцени на учениците по општествено-јазичната група предмети и усвојување на извештај за работата на стручниот актив	Подобрување на работата на наставниците преку согледување и вреднување на квалитетот на планирањата и оценувањето.	Членови на активот	**декември**	Извештаи за успехот на учениците по секој предмет подделно. Подготвен предлог-полугодишен извештај за работата на активот	Утврдување на успехот и постигањата, детекција на талентирани ученици и слаби ученици. Заклучоци за работата на активот и дискусија за постигнатите цели

Интерна обука на тема: „Позитивна дисциплина, стратегии и интервенции за подобрување на училишната клима“	Развивање вештини за примена на позитивна дисциплина, стратегии и интервенции со цел подобрување на училишната клима.	Биљана Василевска – педагог Билјана Теовска - специјален едукатор и рехабилитатор	**јануари**	Прирачници Упатства Стручна литература	Училиште во кое владее позитивна и топла клима во која сите се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самопочит, одговорност и општествени вештини.
Обработка на лектирата „ Бојан “ од Глигор Поповски	Примена на методи и техники со кои учениците ќе го разберат поимот самоконтрола и ќе согледаат кои се последиците од присуство и отсуство на самоконтрола врз нив самите и врз другите.	Валентина Соколова - наставник по македонски јазик	**февруари**	Лектирно издание, Пауер поинт презентација, работен лист	Подобрени компетенции кај наставниците за развивање самоконтрола и одговорност кај учениците во функција на нивното ментално здравје.
Bullying” – увежбување вештина на читање со разбирање	Примена на содржини и методи кои учениците ќе ги поттикнат да решаваат проблеми преку критичко размислување, да развијат резилиентност и да го унапредат своето ментално здравје.	Благица Блажевска – наставник по англиски јазик	**март**	Стручна литература, прирачници	Подобрени компетенции кај наставниците за развивање кртичко размислување кај учениците и ставови, кои се во функција на нивната ментална благосостојба.
Филмска музика	Примена на содржини и методи кои на учениците ќе им помогнат да го намалат стресот предизвикан од училишните обврски.	Бисера Петреска - наставник по музичко образование	**април**	Учебник,табла,ЛЦД проектор, компјутер, материјал подготвен од наставникот	Подобрени компетенции кај наставниците за намалување на стресот кај учениците од училишните обврски во функција на нивното ментално здравје.

Посета на Домот на културата,,Димитар Влахов'' во Автокоманда	Јакнење на сорботката со локалната заедница и градење на позитивни врски со институции за култура во општината	Сите членови од активот	**мај**	Подготвен план за посета	Запознавање на учениците со Домот на културата, зголемување на интересот за читање и посета на библиотека, интерес за посета и учество во работата на театарот и зголемување на чувството на припадност во средината во која живеат.
Анализа на реализираните активности од работата на стручниот актив.	Размена на искуства во успешната реализација на воспитно образовниот процес	Членови на активот и стручни соработници	**јуни**	Записници од реализираните активности од стручниот актив	Годишен текстуален извештај од работата на стручниот актив

Одговорен наставник: Валентина Соколова

Прилог 11

Годишна програма за работа на стручниот актив на природно - математичката група предмети за учебната 2025 – 2026 година

Цели	Содржина	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани резултати
Подобрување на работата на наставниците преку согледување и вреднување на квалитетот на планирањата и оценувањето	Избор на претседател на активот (конститутивен состанок) Предлог-цели на новата Програма за работа на активот и соодветно на нив активности на членовите на активот Подготовка на нацрт - програма за работа на активот	Членови на активот	јули	Програми за работа по соодветните предмети, записници од минатата учебна година, сумирани извештаи од постигањата на учениците	Избран претседател на активот – Даниела Моневска Изготвена нацрт програма со партиципација на сите членови на активот
	Консултативен состанок за разгледување на опфате-носта на приоритетите на училиштето во Нацрт -програмата на активот и изготвување финална верзија на Програма за работа на стручниот актив Усвојување на Програмата за работа на стручниот актив	Членови на активот, стручни соработници	август	Наставни програми, Предлог- год. програма за работа на училиштето, нацрт-програма за работа на активот	Програма за работа на стручниот актив
	Разгледување на новите наставните програми за 7 одделение - корелација, интеграција и меѓупредметни цели во оперативните планови за час	Членови на активот	август - септември	Наставни програми за 7 одделение, Концепција за основно образование	Усовршување на работата на наставникот преку размена на идеи и искуства

Цели	Содржина	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани резултати
Идентификација на проблематично ученичко однесување и трансформирање на однесувањето со КБП стратегија	Работилница за когнитивно-бихевиористички пристапи за справување со проблематично ученичко однесување	Анетка Трајкова - наставник ментор	октомври	Прирачници Упатства Стручна литература	Зајакнати компетенциите кај наставниците за справување со проблематично ученичко однесување
Користење на иновативни интерактивни пристапи на наставата и учење преку истражување и решавање проблеми со акцент на менталното здравје	Нагледен час по природни науки - практична примена на методите на активна настава со акцент на развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми и ненасилна комуникација меѓу учениците	Биљана Чадиновска – наставник по биологија и природни науки останати членови на активот	ноември	Претходно подготвени материјали за реализација на часот, компјутер, интернет	Практична примена на некој од техниките за активна настава и учење
	Нагледен час по информатика - практична примена на методите на активна настава со акцент на развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми и ненасилна комуникација меѓу учениците	Владанка Михајловска - наставник по информатика и останати членови на активот	декември	Претходно подготвени материјали за реализација на часот, компјутер, интернет	Практична примена на некој од техниките за активна настава и учење
Подобрување на работата на наставниците преку согледување и вреднување на квалитетот на планирањата и	Анализа на полугодишните оцени на учениците по природната група предмети и усвојување на извештај за работата на стручниот актив	Членови на активот	јануари	Извештаи за успехот на учениците по секој предмет одделно. Подготвен предлог-полугодишен	Утврдување на успехот и постигањата, детекција на талентирани ученици и слаби ученици. Заклучоци за работата на активот и дискусија за постигнатите цели

оценувањето				извештај за работата на активот	
Цели	**Содржина**	**Реализатор**	**Време на реализација**	**Ресурси**	**Очекувани резултати**
Развивање позитивна и топла клима во која сите се чувствуваат сигурни и слободни, преку развиена самопочит, одговорност и општествени вештини	Позитивна дисциплина, стратегии и интервенции за подобрување на училишната клима,	Биљана Василевска – педагог Билјана Теовска - специјален едукатор и рехабилитатор	јануари	Прирачници Упатства Стручна литератур	Училиште во кое владее позитивна и топла клима во која сите се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самопочит, одговорност и општествени вештини
Користење на иновативни интерактивни пристапи на наставата и учење преку истражување и решавање проблеми со акцент на ненасилна комуникација и развивање на менталното здравје	Нагледен час по хемија - практична примена на методите на активна настава со акцент на развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми и ненасилна комуникација меѓу учениците	Лилјана Трајковска - наставник по хемија и останати членови на активот	февруари	Претходно подготвени материјали за реализација на часот, компјутер, интернет	Практична примена на некој од техниките за активна настава и учење
	Нагледен час по физика - практична примена на методите на активна настава со акцент на развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми и ненасилна комуникација меѓу учениците	Билјана Ристоска - наставник по физика и останати членови на активот	март	Претходно подготвени материјали за реализација на часот, компјутер, интернет	Практична примена на некој од техниките за активна настава и учење
	Нагледен час по биологија - практична примена на методите на активна настава со акцент на	Соња Рулеска - наставник по биологија и	април	Претходно подготвени материјали за	

	развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми и ненасилна комуникација меѓу учениците	останати членови на активот		реализација на часот, компјутер, интернет	
Цели	**Содржина**	**Реализатор**	**Време на реализација**	**Ресурси**	**Очекувани резултати**
Размена на искуства за успешна рализација на ученички натпревари и слободни ученички активности	Согледување на постигнатите резултати од учество на ученички натпревари	Членови на активот	мај	Извештаи од учество на натпревари од тековната и претходните две години	Утврдување на успехот и постигањата на учениците на ученичките натпревари и предлози за подобрување
	Анализа на реализираните активности од работата на стручниот актив	Членови на активот	јуни	Записници од реализираните активности од стручниот актив	Програма за работа на стручниот актив Годишен извештај од работата на стручниот актив

Одговорен наставник: Даниела Моневска

Прилог 12

Програма за работа на одделенски совет

Содржини на работа	Време на реализација	Носители
-Избор на учебници според укажувањата на МОН -Уредување на просторот во училиштето -Изготвување програми за дополнителна, додатна настава и воннаставни активности - Информање за нови насоки и укажвања пристигнати од МОН -Изготвување распоред за одржување часови за дополнителна и додатна настава (предметна настава)	Септември	Комисија за избор на учебници Комисија за естетско уредување Наставници

-Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците - Истакнување и анализа на успехот на учениците кои послабо напредуваат - Истакнување на осипани и неоценети ученици - Истакнување на учениците чии родители треба да се испратат на советување -Анализа на успех на ученици со посебни образовни потреби - Реализација на наставните содржини по предмети - Надминување на проблемите на учениците со адаптација, потешкотии во учењето и емоционална и социјална неприлагоденост - Истакнување ученици со континуиран одличен успех - Водење педагошка евиденција и документација - Унапредување на соработката со родителите	Ноември Јануари Април Јуни	Директор Стручни соработници Наставници

Прилог 13

Програма за работа на училишниот инклузивен тим

Цели	Содржини/активности	Реализатор	Време на реализација	Очекувани ефекти
Креирање политика за унапредување на инклузивното образование	Изготвување годишна програма за работа на УИТ Изготвување интерни процедури за поддршка на инклузивното образование Изработка на брошура за инклузија	Директор Стручни соработници Одд. наставници Одд.раководители	Август	Успешна реализација на планираните активности Подобрена инклузивна култура во училиштето Зголемена свест за значењето на инклузивното образование
Целосна евиденција на учениците со ПОП	Разгледување на наодите и мислењата од Стручното тело за функционална проценка Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна образовна поддршка	Стручни соработници Одд. наставници	Септември	Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченост Преглед на препорачаните видови поддршка за учениците Изготвена база на податоци за ученици со ПОП
Јакнење на капацитетите на наставниците за работа со ученици со ПОП	Спроведување на интерни обуки за наставниците за работа со ученици со ПОП	Дефектолог	Во тек на годината	Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со ПОП
Поддршка на учениците со попреченост кои имаат одредени	Давање предлог/мислење за стипендирање на учениците	Членови на УИТ Предметен	Септември/ октомври	Афирмација на талентираните ученици со попреченост

таленти		наставник		
Организирање воннаставни активности со ученици со ПОП	Спроведување активности со учениците со ПОП за време на летниот распуст Вклучување на учениците и родителите во активности и настани со други организации и институции	Членови на УИТ Наставници Образовни асистенти	Јуни	Поттикнување на развојот, дружење со врсници, социјализација, интеракција, ефективно искористено слободно време
Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес	Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП Анализа на вклученоста на учениците со ПОП во воннаставните активности Поттикнување на врсничките асистенција	Членови на УИТ	Во текот на учебната година	Подобрување на социјализацијата на учениците со ПОП и поголема вклученост во воннаставни и вонучилишни активности Активно и успешно учество на учениците со ПОП во социјалниот живот Ученичка/врсничка поддршка за учениците со ПОП
Соработка со локалната заедница и невладиниот сектор	Покренување иницијативи за подобрување на условите за престој и поддршка на родителите и учениците со ПОП	Членови на УИТ	Во тек на годината	Подобрување на условите за учење и престој на учениците со ПОП Мобилизација на сите ресурси на училиштето и на општеството во целина
Соработка со надворешни институции (Стручно тело за функционална проценка, Завод за ментално здравје, Клиника за детски болести, Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација, Клиника за психијатрија итн.)	Испраќање службени барања за наод и мислење за ученици со ПОП Консултации за ученици со ПОП	Стручни соработници Стручни лица од институциите	Во тек на годината	Помош и поддршка на наставниците, родителите и учениците во процесот на инклузијата
Соработка со ОУРЦ „Иднина“	Изготвување акциски план за соработка Испраќање барања за асистенти Писмено побарување за услуги во текот на учебната година	Членови на УИТ	Во тек на годината	Соодветна и навремена поддршка на учениците, родителите и наставиците во процесот на инклузија
Поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество	Учество на родителите при изготвување програма на УИТ	Наставници		Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес

во креирањето на инклузивните политики	Учество на родителите во проекти и иницијативи	Родители Членови на УИТ		Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно-образовниот процес
Запознавање на родителите на учениците со ПОП со правата и услугите за дополнителна образовна и социјална поддршка на нивните деца	Информативни средби и едукативни работилници со родителите на учениците со ПОП	Членови на УИТ	Во текот на учебната година	Информирани родители за правата, одговорностите согласно Законот за основно образование и Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост во РМ
Евалуација на работата на УИТ	Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа на УИТ Изготвување годишен извештај за работата на УИТ	Членови на УИТ		Утврдување на силни/слаби страни од реализацијата на активностите од програмата Заклучоци за унапредување на работата на УИТ Определување идни чекори
Активности на Тимот за инклузија на ученик ТИУ				
Формирање на тимови за инклузија на ученикот со ПОП	Состаноци на ТИУ Запознавање на членовите на одделните ТИУ(наставниците и образовниот асистент) со способностите, потребите и видовите поддршка за ученикот ссо ПОП	Членови на ТИУ	Август/ септември	Прилагодување на наставниот процес кон потребите на учениците со ПОП
Изработка на индивидуални образовнипланови(долгорочни, среднорочни, краткорочни) за работа со учениците со ПОП	Состаноци на ТИУ	Членови на ТИУ	Август/ септември	Изготвени прилагодени програми(ИОП /модифицирана) според функционалните способности и интереси на ученикот со ПОП
Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето	Примена на индивидуализацијата и диференциран пристап во работата	Стручни соработници Наставници Родители	Октомври	Успешна реализација на наставната програма со сите ученици Повисоки постигања на учениците

Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби Мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок.	Дополнителна поддршка на учениците со ПОП Избор на стратегии за успешна едукација и социјализација на учениците со ПОП Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференциран пристап	дефектолог педагог психолог	Континуирано	Стабилни социјални компетенции, усвоени социјални знаења и развиени социјални вештини Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со ПОП Успешна реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот
Превенција на непожелно/несоодветно однесување кај учениците со ПОП	Примена на инструменти за опсервација и дијагностика Консултации со надворешни стручни лица и родители Прилагодување на наставниот процес кон моменталните потреби на ученикот	Стручни соработници Наставници Стручни лица Родители	Континуирано	Навремено откривање на потешкотиите во образовниот процес кај учениците Надминување на пречките кај учениците со ПОП и нивна успешна инклузија во образовниот систем
Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП и потешкотии во учењето после секој квалификационен период	Ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови Користење на инструменти за следење и вреднување	Наставници Стручни соработници	Ноември	Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно-образовниот процес со учениците
Професионална ориентација на учениците со ПОП од деветто одделение	Советување и разговор со родители Разговор и советување на ученикот со ПОП Соработка со средни училишта и Ресурсни Центри	Стручни соработници	Во тек на учебната година	Информирани ученици и родители за видот на професии/занимања Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште)

Прилог 14

Програма за работа на училишниот хор

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели :

- Да создава навика за редовност и точност;
- Да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;
- Да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- Да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;
- Да ги почитува дадените упатства на диригентот-менторот;
- Да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- Да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- Да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- Да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- Да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- Да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на другите народи.

Образовен процес
Структура на содржини

Задачи	**Цели:**	**Дидактички насоки**		**Инстру-менти**	**Начин на спрове-дување (Ресурси)**	**Времен-ска рамка**
Дела за обработка	**Посебни цели:**	**Активности** Ученик:	**Активности** Наставник:			**Реализација**
Аудиција	-да е музикален -да има чист глас -да поседува соодветен тонски распон на гласот -да демонстрира една песна по свој избор	- Пеење на мелодиско – ритмички мотиви во различни тоналитети - Интерпретација на песна по свој избор; - Интерпретација на задолжителна песна;	- организирање на целосна аудиција - распејување - колективно пеење -поединечно преслушување - одредување на дијапазон(различни интервали-до дуодецима) - реаудиција на членовите од хорот	Разговор, Евидентен лист за присутност; листа за проценка на музикалност.	Кабинет по музичко, Клавир – синтисајзер	- септември - во текот на цела учебна година
Основи на вокалната техника	- да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето -да дише правилно -да демонстрира вежби за дишење - да демонстрира распејување	- пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал; - пее вежби за развивање на вокалната техника; - применува вежби за правилен пеачки став, - применува различно темпо и динамика; - презентира креативна и естетска вокална интерпретација; - прави избор на програма;	-објаснува за основните елементи на вокалната техника -објаснува вежби за распејување; -објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи; -објаснува за внатрешен слух; -дискутира за пеењето кое не е само физиолошка,туку и интелектуална дејност за која е потребно емоционално доживување на тоновите.	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-септември -октомври -во текот на цела учебна година
,,Цинцири минцири”- Драган Шуплевски	-да го објасни текстот на песната -да дискутира за карактерот на композицијата -демонстрира вокална интерпретација	-да демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - да применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата;	-објаснува за карактерот на песната -објаснува за начинот на изведба на композицијата -работи одвоено по гласови при разработка на композицијата	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-октомври

Композиции за патронен празник	-да ја идентификува композицијата - да дискутира за карактерот на композиција	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата; -стекнува искуство за јавна изведбена активност;	- објаснува за изборот на композициите; - го анализира текстот на композициите; - објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-ноември -декември
Композиции за натпревар	-дискутира за карактерот на композицијата -демонстрира правилна вокална интерпретација	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; - го доживува карактерот на композицијата;	-објаснува за композицијата и композиторот; -анализа на текст и карактер; -објаснува за начин на изведба	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-март -април
Копмпозиции по слободен избор на учениците	-дискутира за карактерот на песната -демонстрира правилна вокална интерпретација		-ја објаснува содржината и карактерот на песната; -објаснува за начин на изведба			-мај -јуни

Забелешка: во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции,зависно од интересот и желбите на учениците.

Организација на хорската настава

Часовите по ХОР ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е 3 часа седмично(двогласни и тригласни композиции). Во училишниот ХОР можат да членуваат ученици од VI- IX одд.,според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде пред или по редовната настава(во зависност од смените).Поради специфичноста на активностите, времето на реализација ќе биде организирано и спрема можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето, хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и за потребите на локалната средина, и пошироко за разни пригоди.

Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот хор ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, фронтална, групна,индивидуална и друга. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа,демонстративна и др. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку

вакална интерпретација. Ќе се соработува со разни културно-уметнички институции со цел да се презентира хорска интерпретација.

Просторни и материјално – технички услови

Наставата по ХОР ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи

Училишниот хор ќе настапува на сите културно – уметнички манифестации предвидени во Годишната програма на училиштето. Исто така ќе учествува и на хорски и оркестарски смотри-натпревари организирани од БРО.

Програма за работа на училишниот оркестар

Цел

-Учениците на училишниот оркестар да ги прошират знаењата и способности согласно своите афинитети и интерес, определба и сензибилитет;
-да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела;
- да се оспособат за лична и колективна афирмација во училиште и пошироко.

Дела за обработка	**Конкретни цели** Ученик	**Дидактички насоки** Наставник	**Време на реализација**
Аудиција	-да е музикален -да има чувство за ритам -да поседува способност за инструментална интерпретација -да демонстрира една песна по свој избор - да воочува времетраење на ноти и паузи - да пее мелодиски вежби	- организира целосна аудиција - проверува знаења од областа ма музичката писменост - презентира ритмички вежби - презентира мелодиски вежби	- септември - во текот на цела учебна година
Запознавање со ДМИ	- да демонстрира правилна положба на телото за време на свирењето	- објаснува за правилна положба на телото за време на свирењето	-септември -октомври

	- да дише правилно - да демонстрира вежби за дишење - да ја знае поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски) - да ги препознава по нивната звучност	- објаснува за правилно дишење - презентира ДМИ - објаснува за поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски) - демонстрира снимки со ДМИ - демонстрира слики со ДМИ	-во текот на цела учебна година
Училиштето на почетокот на учебната година ги информира родителите/старателите на учениците за можноста од дополнителна поддршка - подучување на нивните деца од страна на тутор-волонтер по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето. Дополнителната поддршка се реализира по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Туторволонтер е редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми за избор за тутор-волонтер. Училиштето нуди помош и поддршка на родителите/старателите при избор на тутор-волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство која содржи дата база на одбрани студенти – тутори.

8.15 План на образовниот медијатор

На почетокот на учебната година училиштето врши процена за потребата од ангажирање на образовни медијатори за учениците од ранливите групи кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем и најдоцна до 15 септември доставува барање до Министерството за образование и наука. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците и презема активности за намалување на напуштањето на воспитно образовниот процес на учениците од ранливите групи. Во нашето училиште нема ученици од ранливите групи ,па врз основа нема потреба од ангажирање на образвен медијатор за оваа учебна година.

9. Воннаставни активности

9.1Училишни спортски клубови

Нашето училиште е активен член на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба (ОСУСГБ), кој функционира во соработка со Федерација на училишни спортови. Во училиштето функциноира училишен спортски клуб, каде се прави селекција и подготовка на ученици кои ќе бидат вклучени во системот на спортски манифестации од типот лиги и турнирски натпревари на општинско, градско и државно ниво, подржани или организирани од Федерацијата за училишен спорт на Македонија.

Промовирањето на спортот во училиштата има за цел поздрав живот, а спортот во соработка со родителите, има моќ да ги воспитува младите. Училишниот спорт дополнително е битен, зашто низ системот натпревари се развива способноста за компетенција и се стекнуваат нови знаења од областа на спортот.

Конкретно, целта на училишниот спорт е, преку разновидни и систематски спортски активности, во тесна релација со воспитно образовните подрачја на предметот физичко и здравствено образование, да придонесе за интегрален (когнитивен, афективен и моторички) развој на личноста на учениците, стекнување, усовршување и примена на спортски умеења, навики и неопходни теоретски знаења, во секојдневни и специфични ситуации во животот.

Согласно законските надлежности и со цел учениците што подолго да се задржат на училишните спортските терени, во ООУ “Григор Прличев“

Скопје, пред дест години е регистриран **Училишниот спортски клуб ГРИГОР ПРЛИЧЕВ Скопје 2014** со кој раководи предметниот наставник по Физичко и здравствено образование Христијан Христовски.
Покрај спортските активности со натпреварувачки карактер опфатени со програмата на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба, нашиот училишен спортски клуб реализира редовни одбојкарски тренинзи за девојчиња со дводневна динамика во текот на неделата, во термините вторник и чртврток, по два часа ефективно вежбање. Начините за финансирање се: самофинансирање, средства за поддршка од локалната самоуправа, донации и спонзорства, а во однос на начинот на евалуација, критериумите за вреднување на постигањата се бројот на учества и освоени награди на училишните спортски натпревари по нивоа (општински, регионални, градски, државни и меѓународни).

За планирањето и реализацијата на слободните спортски активности, одговорни се наставниците по физичко и здравствено образование Ангела Михајловска и Христијан Христовски.

9.2 Училишни акции

Акциите се краткортајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид опште ствено корисна работа.
Ученичките акции го збогатуваат училишниот живот на учениците, поттикнуваат другарување, креативност, хуманост и одговорност.
И оваа учебна година планирани се низа на активности кои ќе ги реализираат одделеските и предметните наставници заедно со учениците и останатите вработени во училиштето. **(Прилог 11.2)**

9.3 Секции

Секциите се подолготрајни воннаставни актив ности коишто се реализираат еднаш неделно (1-2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои спо делуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка (на пример IIIa), во различни паралелки од иста година (на пример, VI. одделение), или во различни години во рамки на ист возрасен циклус (на пример, VII - IX. одделение). Притоа е битно целата група заедно и континуирано да учествува во работата на секцијата **(Прилог 11.3)**

9.4 Еднократни работилници

Еднократните работилници се краткотрајни тематски настани што се реализираат во текот на еден ден (до најмногу два дена), а се организи раат со многу конкретна намена, по специфичен повод, често заради превенирање или реагирање на определена состојба, или по повод

гостување на некој стручњак, практичар или популарно лице во областа**.(Прилог 11.4)**

10.Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесувањето одлуки во училиштето во однос на прашањата што се од нивен непосреден интерес. Првата средина во која учениците се организираат е во рамките на нивните одделенија. Изборот на учениците се прави во текот на месец септември по пат на тајно гласање. Одделенскиот раководител го запишува на првата страница во дневникот на паралелкта и доставува список до стручната случба.

Вториот чекор е организирање на учениците во рамките на ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат (со мнозинство гласови од тајно гласање) се избира претседател на ученичкиот парламент. Конституирање на ученичкиот паралемнт се прави последната недела од месец септември.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

11.Вонучилишни активности

11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии и излети со воспитно-образовен карактер, чија цел е :

1. Проширување и совладување на знаењата,
2. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и процесите во природната и појавите и односите во општествената средина,
3. Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и поширокаата околина, во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето.

Во текот на учебната година за учениците од I до IX ќе бидат организирани излети и наставно-научни и рекреативни екскурзии, еднодневна наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение и тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение. **(Прилог 14.1)**

Активност	Време на изведување	Релација	Одделение
Излет со наставно - рекреативен карактер	септември октомври	Гази Баба/Марков манастир	I - IX одд
Еднодневна екскурзија	мај/јуни	Скопје –Тетово – Скопје	III одд
Настава во природа	септ./октом април/мај/јуни	Скопје-Охрид-Скопје	V одд.
Научно - наставна дводневна екскурзија	септ./октом април/мај/јуни	Источен дел од Република Македонија: Скопје, Стоби, Струмица, Дојран, Валандово, Демир Капија, Скопје.	VI одд.
Научно - наставна тродневна екскурзија	септ./октом април/мај/јуни	Западен дел од Република Македонија:Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Охрид-Струга-Вевчани-Дебар-Маврово-Гостивар-Тетово-Скопје	IX одд
Излет со наставно - рекреативен карактер	мај/јуни	Водно/Св.Никита	I - IX одд

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на излетите и екскурзиите.

Програмата ја изготвиле тимот за екскурзии:

1.Николета Нестор
2.Сузана Танева
3.Тоше Столески
4.Елена Тасевска
5.Александра Петковска-Анастасов

11.2 Податоци за ученици од основното училиште вклучени во вонучилишни активност

Одд	Основно музичко училиште	Основно балетско училиште	Кошаркарски клуб	Фудбалски клуб	Училиште за танц/играорна	Одбојка	Вкупно вклучени ученици
Ia	/	/	/	/	/	/	/
Iб	/	/	/	/	/	/	/
IIa	3	0	0	6	0	/	9
IIб	2	1	0	7	2	3	15
IIIa	3	0	1	6	3	3	16
IIIб	1	0	0	5	4	/	10
IVa	1	1	7	2	0	0	11
IVб	1	1	5	1	3	0	11
Va	2	1	0	5	0	/	8
Vб	1	0	2	5	0	4	12
VIa	0	0	0	7	3	1	11
VIб	1	0	0	5	2	4	12
VIIa	0	0	1	1	4	1	7
VIIб	2	0	3	1	0	0	6
VIIIa	2	0	2	6	1	2	13
VIIIб	2	0	0	3	0	2	7
IXa	0	0	1	0	0	3	4
IXб	1	0	1	2	0	4	8

12 .Натпревари за учениците

Ученичките натпревари играат значајна улога во комплетниот развој на личноста на ученикот, ја зголемуваат мотивацијата и интересот на ученикот по одделни предмети и најважно го поттикнуваат натпреварувачкиот дух кај учениците. Училиштето ќе земе активно учество на натпревари внатрешно организирани, на локално, регионално, државно и меѓународно ниво кои имаат акредитација.

Процедурата и план за пријава и учество е следната:

1.Проследување на дописот од акредитираните здруженија до соодветните наставници и до учениците од страна на стручната служба(преку соопштенија, маилови и истакнување на огласната табла).
2.Пријавување на учениците кај соодветните наставници.
3. Организирање на додатна настава и подготовка на учениците кои пријавиле интерес за натпреварите и организирање на интерни натпревари.
4.Организација на наставниците и учениците за денот на натпреварувањето (транспорт, согласности, ужина...)
5.Доставување на извештај до стручната служба за учеството на натпреварот и освоените награди.
6.Истакнување на успехот на учениците и оодавање на признание на огласната табла и веб страната на училиштето.

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

За унапредување на мултикултурализмот/интеркултирализмот и меѓуетничка интеграција се грижи формиран тим за училишна интеграција составен од :

1.Александра Петковска Атанасов-директор
2. Катерина Натева Теова-психолог
3.Тоше Столески-предметен наставник
4.Дарко Ангелов- предметен наставник
5. Валентина Славковска- одделенски наставник
6. Претседател на Ученички парламент
7.Ева Колјачкова IXб

Членови на МИО тимот со мандат од 3 години.

Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да се развиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобруваи соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници.

Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ „Кирил и Методиј "-Срачинци . Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку проектни активности, посети на културни и образовни објекти и мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Одговорни лица за соработка е стручната служба на училиштето:Елена Т.Максимовска – педагог,Катерина Н.Теова – психолог,Марија Костовска – дефектолог.

Табела во прилог

Цели	Активности	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани исходи и ефекти
Планирање на МИО активности на училишно ниво	Планирање на МИО активности во годишната програма -дефинирање на одговорностите и улогите на членовите од	Тим за меѓуетничка интеграција	Септември 2025	прирачници	Успешно спроведени активности во рамки на ПМИО

	тимот				
Планирање и реализирање на активности на училишно ниво	Планирања за реализирање на работилници во рамки на часовите од страна на наставниците на тема МИО	Тим за меѓуетничка интеграција, наставници, директор	Во текот на учебната година	Прирачници ОЖВ,	Зајакнување на капацитетите на учениците за меѓуетничка интеграција
Планирање и реализирање на заеднички активности со партнер училиштето (подрачното училиште во Страчинци при училиштето ,,Кирил и Методиј" Стајковци	Договор и реализирање на заеднички ученички активности со партнер училиштето (спортски игри, литературно творење, ликовно творење)	Тим за меѓуетничка интеграција, тимот за меѓуетничка интеграција од партнер училиштето, ученици од нашето и партнер училиштето	Во текот на учебната година	Спортски реквизити , материјали за литературно и ликовно творење,	Воспоставени партнерски односи со училиште кое работи на друг наставен јазик, кај учениците потикнати и развиени особини на толеранција и соживот Развивање вештини за комуникација, почит, соработка и другарство помеѓу ученици од различна националност

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Реализацијата на проекти им овозможува на учениците активно учење, придонесува за зголемен интерес и ангажман за учење и работа, а истовремено учениците стануваат свесни за важноста на комуникацијата и тимската работа.Исто така во проектните активности ќе бидат вклучени и родителите како значаен фактор во подобрување на училишната клима ,продлабочување на соработка,проширување на знаењата.

15.Поддршка на учениците

15.1 Постигањата на учениците

Стручните соработници во нашето училиште водат редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција ќе се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето.

Постигањата на учениците по предмети и области ќе се анализираат континуирано и ќе се прави евалуација по секој класификационен период. Резултатите ќе се презентираат на Наставнички совет и ќе се одредуваат активности за надминување на слабите страни. Ќе биде поставено пано во главниот училишен хол на кое континуирано по квартали ќе се истакнуваат успесите на учениците како и постигањата по квартали, а истото ќе се промовира и преку разгласот. За учениците со потешкотии во учењето се планираат советодавни разговори кои ќе ги вршат стручните соработници и ќе ги упатуваат на користење на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Идентификуваните надарени ученици преку додатната настава ќе им се овозможи да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да се мотивираат да учествуваат на натпревари. На учениците ќе им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокатa општествена јавност како на пр. учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и сл.

- Постигањата на учениците по наставни предмети

- Успех по паралелки на крајот од учебната 2024/2025 година





15.2. Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална ориентација на учениците во училиштето го сочинуваат Катерина Натева Теова-психолог, Елена Трипуновска Максимовска-педагог, Марија Костовска-дефектолог, Љубинка Стоименова и Елена Тасевска -оделенски раководители. Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионалната ориентација на учениците со типичен и атипичен развој. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на основното образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница,како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси. . Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимање,добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др активности поврзани со кариерното советување на учениците.Во рамки на годишната програма за професионална ориентација стручните соработници спроведуваат **анкета со учениците** за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се организираат и **презентации** на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование. Заедно со учениците **се разгледува конкурсот** за упис во средните јавни училишта, се утврдуваат условите и критериумите за упис, начинот на пресметување на бодовите и начинот на аплицирање. Се спроведува **Тифинов тест на општи интелектуални способности**. Се спроведува **тест на општи интереси**, **тест на општи способности**. Се прави групна анализа на спроведените инструменти и врз основа на тоа се прават индивидуални советувања на учениците

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Нашето училиште реализира и превентивни програми кои имаат за цел да се даде поддршка и помош на учениците кои се соочуваат со емоционални потешкотии, асоцијално однесување како и програма за заштита од болестите на зависност.

Целта на овие програми е прво да се **идентификуваат учениците** кои имаат некаков проблем, да се работи со нив и да им се дава континуирана поддршка и помош вклучувајќи ги наставниците и родителите а секако предводени од страна на стручната служба. Потоа целта на овие програми е и да се **запознаат учениците** со штетните последици од употребата на цигари, алкохол и психотропни супстанци,

советодавно да се работи со учениците и да се тежнее кон подобрување на нивното психо-физичко здравје.

Превентивни програми:

- **Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии**
- **Болести на зависност**
- **Асоцијално однесување**
- **Подобрување на менталното здравје на учениците**

Работилници:

- Запознавање на учениците со штетните последици од употребата на наркотични средства
- ,, Алкохолизам и последици од неговото конзумирање„
- Проследување на презентација на тема: ,, Болести на зависност - ,,Кажи не за дрогата“
- Болести на зависност - ,,Кажи не за пушењето“
- Емоционални потешкотии кај учениците
- Ментално здравје(сите одделенски раководители и стручна служба)
- Самодоверба
- Едукативни работилници за запознавање на учениците и наставниците со видовите дроги, нивни дејства, како и штетните последици од нивна употреба
- Заштита од трговија со деца
- Едукативни флаери за ученици и родители

Постапка за пријавување и заштита на ученик-жртва

Секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинство.

Забрането е телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него.

Во законот, исто така, се уредува и прашањето за спречување насилство врз учениците.

1. Доколку било кој вработен во училиштето забележи дека некој ученик е жртва на било какво облик на насилство треба веднаш да пријави на одделенскиот раководител.
2. Одделенскиот раководител врз основа на тежината на проблематиката пријавува до стручната служба, директорот, родителите/старателите.
3. Стручната служба заедно со одделенскиот раководител и директорот прават детален план за понатамошна постапка.

4. Советодавно се работи со ученикот жртва од страна на стручната служба и одделенскиот раководител.
5. Советодавно и во облик на работилници се работи со целото одделение или група на ученици.
6. Советодавно се работи и со родителите/старателите.
7. Директорот на училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон.
8. Во континуитет се следи однесувањето и успехот на ученикот-жртва.

16. Оценување

16.1 Видови на оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се реализира според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Согласно концепцијата за девет годишно образование учениците ќе се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I - III одделение се оценуваат со описни оценки (со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето)
- Учениците кои се опфатени во вториот период IV- VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. Првиот и третиот квартал се оценуваат со описни оцени, додека на крајот од првото полугодие и од учебната година се оценуваат со бројчани оцени.
- Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки. Имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците.
- За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП и модифицирана наставна програма, оценувањето се врши согласно Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење.
- Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот/старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителскисостанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие,

Секој наставник ќе води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во пофесионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

Постигнувањета на учениците ќе се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување. Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел, начините со кои ќе се оценуваат учениците се разновидни и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)

Во случај на потреба од повторна проверка на знаењата на учениците, поправен испит или за побрзо напредување во училиштето се формира испитна комисија. За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.Комисијата е составена од претседател и два члена- испитувачи.Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи е сименуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

16.2 *Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето. Тимот е составен од директор, психолог, педагог и дефектолог.

Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици.

Процедура за поплаки и жалби по добиени оценки

- Одделенските раководители го соопштуваат успехот на учениците на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
- Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишна оценка, родителот има право, во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
- Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот и може да го одбие приговорот или да организира повторна проверка на знаењата.
- За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.
- Комисијата од ставот е составена од претседател и два члена-испитувачи и претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во

која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.

- Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.
- Оценката на комисијата е конечна.

Училиштето дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување

Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следење и вреднувањето на работата на наставниците ќе се врши во училиштето од страна на директорот, како и од страна на Бирото. Следење и вреднувањето ќе се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот ќе добие извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што ќе се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците ќе се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

16.4 Самоевалуација на училиштето

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е отклонување на слабите страни преку одредување на приоритети за работа и одржување на јаките страни. Последната самоевалуација во нашето

училиште се спроведе во текот на учебната 2022-2023 година а се однесуваше за периодот од 2021 до 2023 година.

17. Безбедност во училиштето

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Постојат пропишани мерки и активности за безбедност на учениците. Родителите и учениците се запознаваат со куќниот ред а примарна заштита и безбедост ќе се обезбедува преку поставување на дежурни ученици и наставници и физичко обезбедување. Поставени се безбедносни камери иалармен систем..Се планира најголем број на учениците да се осигураат. Ќе се врши редовно одржување и сервисирање на ПП- апаратите и истите се поставени на видливо место. Низ училиштето се поставни шеми за евакуација во случај на елементарна непогода или пожар.

Редовно ќе се спроведуваат вежбите за евакуација во случај на елементарни непогоди и други закани и обука за замозаштита.

Тим: Марија Костовска, Елена Трипуновска-Максимовска и Катерина Натева Теова

18.Грижа за здравјето

18.1.Хигиена во училиштето

Наша основна цел е училиштето да биде здрава и безбедна околина за учениците и вработените, а тоа подразбира и хигиената во училиштето да биде на највисоко ниво. Покрај вработениот персонал, за хигиената во училиштето се грижат и учениците и вработените. Континуирано се набавуваат средства за хигиена, корпи за отпадоци и друго. Дежурните наставници, дежурните ученици, домаќинот и училишните хигиеничари секојдневно ја следат состојбата со хигиената во училиштето.

Едукативни постери и материјали има секаде низ училиштето а се со цел превентивно да делуваме и спречиме ширење на заразни болести.

Еко – патролите имаат обврска да алармираат за непосакувани состојби поврзани со хигиената. Оние што ја нарушуваат хигиената во училиштето се опоменуваат и санкционираат.

Учениците од Еко-секцијата во програмата имаат предвидено активности поврзани со одржување на хигиената во училиштето.

18.2. Систематски прегледи- План за систематски прегледи

Со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците согласност планот на Здравствениот дом – Автокоманда. Каледарот на систематските прегледи редовно се проследува до училиштето преку соработка на здравствениот дом со стручната служба, која понатаму ги проследува информациите до одделенските раководители, учениците и родителите. Истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата.

Активност	Одд	Реализатор	Постигнати цели	Време на реализација
Закажување и организација на термини	I-IX	Стручна служба,наставници,мед.тим	Навремено проследување на информации	континуирано
Систематски прегледи и ревакцинација MRP	I	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител, родител	-следење на психо-физички развој -навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
PPD и вакцина BSG	II	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
ревакцина DT и POLIO	II	Лекари од Поликлиника Ченто одд.раководител	навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
Систематски преглед	III	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	-следење на психо-физички развој -навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
Систематски преглед	III	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	-следење на психо-физички развој -навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
Систематски преглед и вакцинација за девојчиња HPV(Idosis)	VII	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	-следење на психо-физички развој -навремена имунизација	според календарот на Поликлиника
PPD и вакцина BSG	VIII	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
Изготвување на полугодишен и годишен извештај	/	стручна служба	уредно водење на документација	јануари,јуни

18.3.Вакцинирање

Во соработка со Поликлиника „Здравствен дом – Ченто “ - Скопје се спроведува вакцинирање на учениците според Календарот за имунизација од Министерство за здравство, во просториите на Поликлиниката, при што родителите на учениците и одделенските раководители се навремено известени од страна на стручната служба и одделенските раководители при секое вакцинирање.

Ред. број	Активност	Одд	Реализатор	Постигнати цели	Време на реализација
1.	Закажување и организација на термини	I-IX	Стручна служба,наставници,мед.тим	Навремено проследување на информации	континуирано
2.	Систематски прегледи и ревакцинација MRP	I	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител, родител	-следење на психо-физички развој -навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
3.	PPD и вакцина BSG	II	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
4.	ревакцина DT и POLIO	II	Лекари од Поликлиника Ченто одд.раководител	навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
5.	Систематски преглед	III	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	-следење на психо-физички развој -навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника
6.	Систематски преглед	III	Лекари од Поликлиника Ченто -одд.раководител	-следење на психо-физички развој -навремемена имунизација	според календарот на Поликлиника

18.4.Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

И оваа учебна година посебен акцент ќе се стави и на грижата за здравата исхрана. Имено и еден од приоритетите на работа се однесува толму на оваа тема. Во училиштето ќе се организираат низа на активности за подигање на свеста кај учениците за здравата исхрана. Главна цел е учениците да научат да ја избегнуваат нездравата храна и да се борат против нездравите животни навики. Едукативните предавања во училиштето ќе ги реализираат одделенски раководители преку организација на најразлични дискусии, дебати и работилници а акцент ќе се стави и на вклучување на родителите.

Училиштето ја продолжува праксата за активности (како изработка на плакати, пишување поезија, цртање и сл). Како една од активностите која успешно се спроведува и ќе продолжи да се спроведува и во иднина е воведувањето и користење на здрава храна во училишната кујна. Појадокот најчесто ќе биде интегрална храна а повеќето десерти ќе ги замениме со сезонско овошје.

19.Училишна клима

19.1 Дисципина

Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи. Во училиштето постои добра организација на воспитно – образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво.

Дисциплина – За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Критериуми за успех – намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците,
Инструменти – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници,
Индикатор за успешност – намален број советувања на ученици и родители,
Одговорен за следење – директор, одделенски раководители, стручни соработници,

Повратна информација – -подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата - почитување на правилата на однесување во училиштето - намален број на изречени педагошки мерки за учениците - намален број на повикани родители на советување - одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

Во нашето училиште, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент.
Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат **следниве активности:**

План за подобрување на училишната дисциплина

Планирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Извори/ ресурси**	**Методи и постапки при реализација**	**Очекувани ефекти**
Воведување во правилата на однесување	Септември 2025	Стручна служба, одд. и пред. наст.	Кодекс на училиштето	Консултации со Директор и стручна служба	Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето
Изготвување распоред на дежурни наставници	На почетокот од учебната година	Одделенски и предметни наставници	Кодекс на училиштето	Состаноци и договор на ниво на стручен актив	Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници
Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник	Континуирано	Класни раководители и ученици	Кодекс на училиштето	Консултации со класните раководители	Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни ученици
Определување дежурни ученици по	Континуирано	Класни раководители	Кодекс на училиштето	Консултации со класните раководители	Позитивна училишна клима

паралелки					
Давање насоки за однесувањето во тоалетите	Во текот на целата учебна година	Наставници	Кодекс на училиштето	Консултации и средби со стручна и техничка служба	Позитивна училишна клима
Соработка со Агенција за обезбедување	Во текот на целата учебна година	Директор	Кодекс на училиштето	Состаноци и дого-вор со аген.за обезбедување	Позитивна училишна клима
Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор	Континуирано	Дежурни наставници и ученици	Кодекс на училиштето	Записници во дневникот за дежурства	Позитивна училишна клима

19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското и хортикултурното уредување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор ќе биде постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени. Функционалното уредување на училницата, украсувањето со слики, цвеќиња и ученички трудови е активност на секој одделенски колектив. Континуирано ќе се уредуваат паноата во ходниците според мотиви од годишните времиња, поголемите празници и мултикултуризмот, каде што се изложуваат најдобрите ученички творби. Естетското уредување на ѕидовите во ходниците, одржувањето и обновувањето на ликовните творби е задача на ликовната секција и наставникот како иницијатори, инструктор на учениците.За реализирање на оваа активност училиштето обезбеди паноа во секоја училница. Посебно внимание се обрнува на естетското и хортикултурното уредување на училишниот двор. Патеките до училишната зграда, училишниот двор и спортските терени постојано ќе се одржуваат од страна на техничкиот персонал, родителите, учениците и останатите вработените. Покрај тоа, уредувањето на училишниот двор ќе се врши со непосредно учество на учениците од ЕКО секција (садење на насади–цвеќиња, дрвца, трева, зеленило и нивно одржување). За доживувањето да биде потполно и сите ученици и вработени да се чувствуваат

попријатно, ќе се погрижат одговорните наставници преку реализирање на програмата за работа на разгласот пуштајќи разновидна музика.

Тим за естетско уредување:

1.Јулија Н.Пешевска
2.Николета Нестор
3.Валентина Славковска

19.3. Етички кодекси

Во училиштето секогаш имало и има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките зае ите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.дници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат

19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

„Потребата од ефективна комуникација е како потребата од чист воздух. Тогаш кога ви недостасува, се сфаќа колку е важна и значајна“. Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Со цел да се унапреди активното слушање, протокот на информации и споделување на искуства во текот на годината се планираат заеднички состаноци -работилници, каде што ќе се предлагаат нови начини на комуницирање. Исто така се формира тим составен од сите структури (директор, секретар, стручна служба , одговорен наставник за одделенска настава, одговорен наставник за предметна настава и домаќин).
За да се подобри комуникацијата помеѓу вработените, односно да се воспостават добри меѓучовечки односи, потребно е правилно да се разберат луѓето и нивната природа. Тоа значи да се разберат и прифатат нивните потреби, интереси, верувања и очекувања од една страна,но и нивниот карактер, нивните лични особини и ставови. Суштината на успехот и квалитетната комуникација е во тоа комуникаторите да се почувствуваат почитувани и важни.
За подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка, училиштето планира реализација на заеднички прослави, екскурзии, посети, коктели и други активности надвор од наставниот процес.
Службената комуникација се одвива преку е маил, состаноци, формални и неформални средби како и преку платформата Microsof Teams.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Барањата од училиштата и наставниците/стручните соработници во современото комплексно и динамично општество стануваат сè посложени. Имајќи предвид дека квалитетот на наставниците е најважен училиштен фактор за постигањата на учениците, од нив се очекува постојано да ги надградуваат своите професионални компетенции. Училиштата настојуваат да ги следат светските трендови и практики во поглед на развивањето на компетенциите на наставниците за да можат да одговорат на новите предизвици и потреби на општеството. Во тој контекст се очекува од наставниците/стручните соработници постојано професионално да се развиваат, а од училиштата на систематски начин да ја следат нивната работа и да им обезбедат услови за континуирано стручно усовршување. Преку континуиран професионален развој на наставниците/стручните соработници се развиваат механизми за подобрување на нивните компетенциите не само за да ги реализираат успешно тековните програми, туку и да иницираат промени во образованието со што ќе се подигне квалитетот на постигањата на учениците и на целокупниот образовен систем.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Во интерес на професионалниот развој на вработените во нашето училиште по препорака од БРО започна со низа на активности. Секој наставник до 10 септември прави лична самопроцена и анализа врз основа на која изработуваат Личен план за професионален развој. Истиот го предава на училишниот тим за Професионален развој. Врз основа на личните планови подоцна на ниво на активи се изработуваат заеднички програми за професионален развој во кои како приоритетни компетенции се земаа оние кои се најслабо развиени а воедно и се најчесто застапени кај наставниците.Врз основа на тие планирања Тимот за професионален развој на училиштето во состав на директор, стручна служба и претседателите на активите треба да изготват Годишна програма за професионален развој на наставнците. До 30 јуни делот за реализација на професионалниот равзој исто така требе да се предаде на училишниот тим.

20.2 Активности за професионален развој

Критериуми за успех – подобрување на постигањата на учениците и унапредување на наставата со нови форми, методи, стратегии и техники на учење и поучување.
Инструменти – извештаи од одржани семинари, статистички извештаи од завршени квалификациони периоди и записници од посетени часови,

Индикатор за успешност –зголемени постигања кај учениците, поголем среден успех на ниво на училиште,
Одговорен за следење – директор, стручни соработници, одговорни наставници,
Повратна информација – податоци во професионалните досиеја на наставниците, подобрување на наставната практика и подобрување на учењето и поучувањето, создадена стимулативна средина за професионален развој на наставниците, примена на новите знаења и вештини стекнати на обуки во наставната пракса -создавање на систем на континуиран професионален развој и менторство на наставниците.

20.3. Личен професионален развој

Р.бр	Компетенции	Активности	Ресурси	Време на реализација	Очекувани исходи
1	Подобрување во реализација на наставната содржина	Учество во семинари	Средства за обуки, работилници соработка со стручни лица	По потреба и можност	Подобар постигнат успех кај учениците
2	Стручно усовршување	Учество во семинари и соработка со стручни активи	Стручна литература, прирачници, насоки, соработка со БРО-советник	По потреба и можност	Подобра реализација на наставните содржини и подобар стручен развој
3.	Подобрување на квалитетот на наставата	Обуки, работилници консултации со стручни лица	Стручна литература, прирачници, насоки, соработка со БРО-советник, соработка на ниво на актив и стручна служба	По потреба и можност	Подобра реализација на наставните содржини и постигнување подобар стручен развој
	Подобрување на реализацијата на квалитетот на наставата	-Обуки за работа со едуактивни електронски платформи; - Обука за различни современи приоди во он-лајн наставата; - Дисеминации од посетени	стручни предавачи од соодветната област *предавачи со искуство за работа со едукативни платформи -интернет -компјутер	По потреба	

		обуки, нагледни часови, стручни предавања, стручни советувања (интерни работилници, предавања во од училиштето)	-стручен актив на одделенска и предметна настава -средства за обука		
4.	Реализирање на наставни содржини за ученици со пречки во развојот	Следење на разни семинари, соработка со стручната служба	Средства за обуки, работилници соработка со стручни лица	По потреба и можност	Остварување успех во реализацијата на вакви наставни содржини доколку се јави потреба
5	-Обуки за работа со едуактивни електронски платформи; - Обука за различни современи приоди во он-лајн наставата;	стручни предавачи од соодветната област *предавачи со искуство за работа со едукативни платформи -интернет -компјутер -стручен актив на одделенска и предметна настава	стручни предавачи од соодветната област -предавачи со искуство за работа со едукативни платформи -интернет -компјутер -стручен актив на одделенска и предметна настава	Зајакнување на капацитетот на наставникот за работа со едукативни платформи (техничка работа со програмата, воспоставување контакт со ученици и родители преку платформата, креирање часови	Подобрување на квалитетот на е-наставата, подобрување на комунукацијата и изголемување на интеракцијата меѓу ученик и наставник во е-наставата, подобрување на квалитетот на стекнатите знаења и зголемување на мотивацијата и интересот за е -настава.

20.4 Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови.

20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот кадар во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалното усовршување на наставниците и стручните соработници се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓу училишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. За сопственото стручно усовршување наставникот,стручниот соработник прави личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и Државниот просветен инспекторат. Наставниците и стручните соработници во основните училишта може да напредуваат во звања и тоа наставник-ментор и наставник-советник како и стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите / старателите во животот и работата на училиштето се остварува на две нивоа, на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Посебно внимание се посветува на соработка со родителите преку секојдневни средби, разговори и родителски средби. Во училиштето се организираат редовни родителски средби, отворен ден за прием на родители, приемни денови за родители / старатели. На родителските средби родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочуваат учениците и се даваат насоки за подобрување на успехот и поведението на учениците. Во текот на учебната 2025-2026 година се планираат најмалку пет редовни родителски средби, од кои две во првото полугодие, три во второто и најмалку два пати во годината ќе биде организиран отворен ден за прием на родители.

Советот на родители се формира за организирано остварување на интересите на учениците. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој е избран од родителите / старателите на родителската средба на паралелката. Советот на родители изготвува програма за работа и преку нејзина реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување одлуки и решенија во интерес на училиштето.

План за редовни родителски средби и отворени денови за прием на родители / старатели е даден воприлог

Програма за работа на Совет на родители е дадена во прилог

Распоред за приемни денови на родители ќе се приложи со анекс на 1 Септември

21.2 Вклученост на родителите / старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите постојано на родителските средби се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следењето и вреднувањето на учениците. На индивидуалните средби родителите добиваат конкретни упатства како најдобро да им помогнат на учениците во процесот на учење.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии.

Родителите земаат учество и во спроведување на проектните активности на училиштето. Со свои предлози и лично вложување учествуваат во организирање на разновидни средби, прослави, акции, работилници, хепенинзи и други манифестации.

21.3 Едукација на родителите / старателите

Едукацијата на родителите ќе се врши преку едукативни работилници и пишани предавања. Стручните соработници според својата програма за работа организираат тематски предавања, работилници, презентации и предавања кои ќе произлезат од потребите и барањата на учениците и родителите.

Училиштето во месец август изработува Брошури за родителите на првачињата во кои се наведени сите потребни информации за работата на училиштето во престојната учебна година, проектите, контакт за соработка училиштето.

Во текот на годината ќе се изработуваат и разни брошури за едукација на родителите на разни теми со цел развој на родителските вештини кај родителите кои ќе бидат подготвени од стручните соработници и наставници финансирани од страна на училиштето или од донации.

22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Воспитно образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето да се доближи до локалната средина е да се афирмира како образовна институција. Преку соработката нашето училиште влијае на подигнување на културно образовното ниво на локалното население.

Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативно и воспитни активности со населението кое работи и живее во локалната заедница. Училиштето како воспитно- образовна институција е во постојан дијалог со локалната заедница и остварува континуирана соработка во реализација на училишни проекти, работилници, еколошки акции, посети и сл.

Во текот на учебната 2025-26 година се планираат следните активности со локалната заедница:

- Свечен прием на првачиња
- Работилница со аптека Вивалек по повод денот на детето
- Новогодишна работилница со Аптека Вивалек
- Еко акција со локалната самоуправа
- Генералка викенд со претставници од компаниите од локалната средина
- Првоаприлско дефиле во организација на локалната самоуправа

Училиштето воспоставува постојана комуникација и со институции од областа на културата: библиотеки, музеи, театри, кино сали исл. Учениците учествуваат на низа литературни и ликовни конкурси и изложби.

Во текот на годината училиштето соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Сектор за основно образование, овластен општински инспектор, актив на директори на нивно на општина, детски градински, основни и средни училишта. Соработката се остварува преку пишана електронска комуникација, посети на институциите, организирање обуки, семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења, спортски натпревари, еколошки и хуманитарни акции и други активности.

Планот за соработката со институции од областа е дадена во соодветните програми (акции, работилници, натпревари).

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата на училиштето и обезбеддување помош и поддршка на ученици од ранлива група се планира соработка со невладини организации, детска амбасада Меѓаши, ресурсен центар Иднина, младински културни центри, СОС центри, еколошки друштва.

Соработката со спортските друштва ќе се реализира преку учество на нашите ученици во општински, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

Планот за соработка со спортски друштва е даден во Програмата на училишен спортски клуб

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно- образовниот процес, нашето училиште на овој план ќе соработува со голем број институции меѓу кои Поликлиника Автокомнда-оддел за училишна медицина и училипна стоматологија, приватни здравствени установи во локалната средина, Центар за социјални грижи, Институт за јавно здравје, Црвен крст, осигурителни компании и слично. Преку соработкатасо овие институции превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.

Планот за соработка со здравствени институции е даден во Програмата за грижа за здравјето на учениците

Соработката со медиумите е важен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето има потреба од афирмација на работата и постигнатите резултати со цел јавноста да има увид во начинот на работењето, целите и постигнатите резултати. Сите настани и активности ќе се промовираат во соработка со дневниот печат и медиумските куќи.Училиштето ќе одреди лице за контакт со медиуми кое ќе има за задача да формира тим и да организира настани и истите да ги промовира пред медиуми и јавноста (преку училишни флаери, училишен весник и сл.). Информираноста ќе биде и во рамки на училиштето преку огласна табла, паноа за активнсоти, веб и facebook страна.

23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време за следење	Одговоро/ни лице/а	Одговорен за следењето
Реализација на училишните приоритети за работа	Полугодие Крај на учебна година Извештаи,фотографии	Сузана Танева	Директор
Реализација на додатна и дополнителна работа	Тековно Посета на часови, увид во доказите, Извештаи, увид во дневниците	психолог	Директор
Реализација на училишни акции	Тековно Извештаи , фотографии	педагог	Директор
Реализација на секции/клубови	Тековно Увид на часови, извештаи, фотографии,	педагог	Директор
Реазлицација на МИО активности	Тековно Увид во програмите и планирањата, извештаи, фотографии од настани	дефектолог	Директор

24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени во годишната програма за работа на училиштето ќе се одвива низ процес на собирање докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. За секоја конкретна активност има одговорни лица/тим за следење, поддршка кој ќе има за задача да доставува извештаи на секој квалификационен период до

директор и стручна служба заедно со докази: прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии, интервјуа и други инструменти. Евалуацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се спроведува тимски и со заедничка работа на сите субјекти во воспитно-образовниот процес.

25.Заклучок

Нашето училиште се стреми кон стекнување на трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за целоживотно учење и индивидуален развој. Тоа е воедно и темел и на нашето годишно планирање.

Сакаме да создадеме почва за развој на успешни млади луѓе кои вешто ќе се носат со предизвици на животот. Нудиме осмислен избор и примена на наставни начела, методи и постапки кои кај секој ученик ќе делуваат поттикнувачки на сите подрачја на неговиот индивидуален развој и неговата интеграција во општеството. Ги подобруваме условите за реализација на воспитно образвниот процес, нудиме современ објект, мноштво од нагледни средства и дидактички материја, опремена библиотека , хортикултурно уреден училишен двор, безбедна средина за нашите ученици и постојано тежнееме кон новите предизвици за современа настава, примена на ИКТ, го негуваме мултикултурализмот, успешно се носиме со инклузијата, ги учиме нашите ученици на еднаквост, хумананост и правичност.

Во нашиот годишен оперативен плани нудиме низа од едукативни и превентивни програми преку кои ќе делуваме до свеста на нашите ученици и родители и ќе ги оттргнеме од пороците на сегашноста.

Преку партиципацијата во ученичката заедница и ученички парламет, кај учениците ќе ја развиеме демократичноста, самоиницијативноста, креативноста и иновативноста.

Промените во секој сегмент од современиот образовен систем брзо и храбро ги следиме и ги применувавме во сите области на нашето работење. Ги применивме и промените на наставниот план и програма, ќе ја зголемиме и соработката со родителите и локалната средима и постојано ќе тежнееме кон врвот.

26.Комисија

1.Александра Петковска Анастасов- директор
2.Елена Т.Максимовска-педагог
3.Катерина Н.Теова-психолог
4.Сузана Танева- одделенски наставник
5.Тоше Столески- предметен наставник
7.Лорета Станковиќ-предметен наставник
8.Благица Секуловска-одделенски наставник
9.Јосиф Теменугов- ученик
10.Ева Колјачкова-ученик

27.Користена литература

- Закон за основно образование
- Правилници и уредби од МОН
- Концепција за воннаставни активности во оновното образование
- Интерни годишни програми
- Интерни правилници и процедури
- Извештај од извршена самоевалуација 2021-2023 година
- Развојно планирање 2023-2027 година
- Годишен извештај за 2024-2025 година

28.ПРИЛОЗИ

Прилог 1- Годишна програма за работа на директор

1.1. Годишна програма за работа на директор за учебната 2025-2026 година

ЦЕЛИ НА РАБОТАТА:

Унапредување на воспитно-образовниот процес преку ефикасно менаџирање и координација на училиштето;
Поддршка на наставниот кадар во планирање, реализирање и евалуација на наставата;
Зајакнување на партнерството со родителите и локалната заедница;
Зголемување на квалитетот на услугите во училиштето преку континуирана евалуација и подобрување на материјално-техничките услови;
Поттикнување и поддршка на професионалниот развој на вработените.

Директорот како педагошки раководител во училиштето, во функција на таа примарна компонента, предметот и содржината на својата програма за работа глобално ја структуира во две основни групи на работа итоа:

- административно организаторска и педагошко - инструктивна.

А	***Административно-организаторска работа***
I	Административна работа
	Финансиска
	Материјална
	Нормативна работа (проучување закони и прописи)
	Извршување увид
	Давање помош
	Вреднување и корекција
II	***Организационо-техничко средување на училиштето***
	Функционалност на училници, работилници, спортски терени, библиотека и др.

	Претплата и користење на стручна литература, педагошки списанија и весници, ученичка лектира, наставни средства и учебни помагала.
	Планирање и организација на ученички екскурзии од научен и рекреативен карактер.
	Планирање посети на музеи, театри, изложби и слично.
III	***Административно-правна работа***
	Работа со органот на управување.
	Помош при изработка на нацрт-акти и слично.

IV	***Документација и евиденција***
	Водење педагошка документација.
	Персонални досиеа за наставниците и стручна служба
	Документација за планирање на воспитно-образовната работа.
	Документација за следење на воспитно-образовната работа.
	Документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето.
	Документација за извршени посети на часови.
Б	***Педагошко-инструктивна работа***
I	***Концепциско – програмско***
	Изготвување на оперативна програма на активности за период јуни-август.
	Утврдување на општите состојби во училиштето за остварување на дејноста.
	Изготвување на предлог-распределба на одделенските раководства и распределба на часови.
	Изготвување на програма за работа на Наставничкиот совет и стручно усовршување на наставниците.
	Изготвување на Годишна програма за работа на директорот.
	Помош на наставниците во изготвување на годишните Глобални и тематски планирања.
	Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето.
	Изготвување распоред на часови и слободни ученички активности.
	Вложување во унапредување на климата за работа.
	Соработка со стручни органи.

II	***Следење на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето***
	Увид во годишните и тематските планирање и програмирања на наставата и воспитно образовната работа.
	Преглед на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите.

	Увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања.
	Увид, контрола и следење на остварување на стручните оперативно-организациски, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната активност.
	Посета на часови. Посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата.
	Посета на часови за додатна и дополнителна настава. Остварување на задолжителни разговори, консултации. Советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите.
	Насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето.
III	***Работа со наставници - педагошки увид во наставата***
	Запознавање со општо програмска структура посебно со измените и дополнувањата во настевните планови и програми.
	Непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата.
	Непосредна стручна помош на наставник почетник.
	Следење и вреднување на работата.
	Советодавна работа со наставници, ученици и родители.
	Увид во дневните подготовки на наставниците за часови.
	Посета на часови (редовни, дополнителни, додатни и др. активности).
	Анализа на часовите и консултации со наставниците.
	Следање на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување.
IV	***Работа со стручни органи ви училиштето***
	Запознавање со соодветните законски акти за дејноста.
	Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет и реализација на програмските задачи.
	Помош во планирање и реализација на задачите на одделенските совети.

	Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи.
	Помош, следење на реализација на часот на одделенскиот раководител.
	Запознавање со соодветните законски акти за дејноста.
	Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето.
	Редовно присуство на сите седници на стручните активи во училиштето.
	Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците.
	Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци.
	Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.
V	***Работа со ученици и ученички организации***
	Индивидуален контакт
	Помош во конструирање и работа на ученичките организации
	Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици
	Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување
	Работа со ученици кои покажуваат слаби резултати
	Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците
	Давање иницијатива за реализацијата на зимски и летни одмори на учениците
	Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето
	Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината)
	Поттикнување на соработка со културни институции и организации од локалната средина (кино, театар, библиотека, музичко училиште, пионерски дом и сл.)

VI	***Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни проблеми и други негативни појави во работата на училиштето.***
VII	***Аналитичко-студиска работа и осовременување на восп.-образовната работа.***
	Анализа на годишните глобални и тематски планови на наставниците.
	Увид во дневните подготовки на наставниците.
	Изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на Училиштето.
	Упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатите области
	Изготвување информации: за работа на ученичките организации, за одржување натпревари на учениците, за соработка со др. воспит.образ.институции.
VIII	***Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од Училиштето***
	Учество во работата на стручниот соработник во училиштето при програмирање, следење и контрола над работата.
	Соработка со МОН, Биро за развој на образование, ДИЦ и локалната заедница на Р. Македонија.
	Соработка со стручни организации, друштва и институции.
	Обезбедување на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатате од тоа усовршување.
	Следење на активностите на наставниците во рамките на "Учење и настава на 21 век".
	Сертификација на наставниците за Проектот ,,Меѓуетничка интеграција на образованието,,
	Изготвување на Училишно планирање за унапредување за оценувањето за учебната 2024/2025
IX	***Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот, воспитниот и другстручен кадар***
	Грижа за обезбедување на Училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата
	Упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување надвор од Училиштето (повратно информирање за ефектите од советувањето).

	Непосредна стручна помош во реализацијата на наставните содржини.
	Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување.
X	***Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници.***
	Запознавање со општата програмска структура, посебно со измените и дополнувањето на наставните планови и програми.
	Непосредна стручна, методско-дидактичка помош во реализацијата.
	Непосредна стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: наставник-почетник, новодојден - наставник во училиштето.
	Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување.
	Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето.
	Насочување и давање помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците.
	Помош во организирање на зимување и летување на учениците.
XI	***Соработка со родителите на учениците***
	Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето.
	Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа на Советот на родители.
	Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите.
	Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите.
	Организирање и координирање на активности за информирање на родителите.
	Непосредно учество во педагошкото образование на родителите.
	Индивидуални и групни средби и разговори со родителите.
	Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности.
	Редовно информирање на родителите од животот и работата со училиштето, непосредно и посредно преку одделенските раководители.
	Навремено запознавање на родителите со редот во училиштето.

XII	***Други работни задачи на директорот***
	Постојано обезбедување материјално-технички услови за работа
	Следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето;
	Грижа за хигиената во училиштето;
	Следење на законските прописи
	Работа со управните органи;
	Подготовка и учество во седниците на Училишниот одбор и неговите комисии и тела.
	Подобрување на климата во училиштето.

Оперативна програма за работата на директорот

Активност	Време на реализација	Цели
Утврдување на општите состојби во училиштето за остварување на дејноста (човечки ресурси, просторни услови, материјално-технички капацитети)	август	-идентификување на потреби и недостатоци
Комуникација со надлежните институции за нови насоки и протоколи (МОН, БРО, ДПИ)	август	- обезбедување усогласеност на работата на училиштето со актуелните законски и стручни насоки
Подготовка на документи и информации за учениците и родителите	август	-транспарентно работење на училиштето -обезбедување навремени, јасни информации
Планирање и организација на свечен прием за првачиња	август	-создавање позитивна, поддржувачка и мотивирачка атмосфера за учениците кои првпат започнуваат со образование,
Формирање тимови за сите задачи и активности за учебната 2025/2026	август	-успешно планирање, имплементација и следење на наставните и воннаставните процеси во училиштето

Увид и анализа на годишните планирања на наставниот кадар	август	-обезбедување квалитетна и усогласена наставна програма -идентификување на потенцијалните слабости и подобрувања
Свечен прием на првачиња	септември	-создавање позитивна атмосфера
Спроведување на постапка за избор на туристичка агенција за реализација на планирани излети и екскурзии	септември	-избор на туристичка агенција за реализација на планирани излети и екскурзии
Индивидуални,стручно-педагошки разговори со новодојденинаставници	септември	-професионална поддршка и ефективна интеграција на новодојдените наставници
Конституирање на Совет на родители	септември	-унапредување на соработката меѓу училиштето и семејството- подобрување на училишната клима
Конституирање на ученички парламент	септември	-активно вклучување на учениците во училишниот живот - развој на одговорност, критичко мислење и ученичко застапување, -унапредување на меѓусебната комуникација помеѓу учениците, наставниците и управата
Подготовка за реализација на есенски излет	септември	-организирање есенскиот излет на безбеден, едукативен и забавен начин
Учество во реализација на проекти	Септември-јуни	-успешна реализација на програма
Посета на часови и увид во дневните подготовки (сценарија) на наставниците	октомври	-следење на квалитетот на наставниот процес - обезбедување стручна поддршка за унапредување на наставната практика
Учество во работата на УО и Советот на родители	континуирано	-унапредување на транспарентноста, соработката и вклученоста на сите засегнати страни во донесувањето одлуки поврзани со воспитно-образовниот процес, организацијата и развојот на училиштето
Подготовка и водење на Одделенските совети и Наставнички совет за првотримесечие	ноември	-анлиза на воспитно-образовните резултати-донесување заклучоци и планирање мерки за

		унапредување на наставниот процес и ученичкиот развој.
Следење на одржувањето на часовите од дополнителна и додатнанастава	континуирано	-осигурување редовност, квалитет и ефикасност во поддршката на учениците со потреба за надоместување или проширување на знаењата, во согласност со наставните планови и индивидуалните образовни потреби.
Увид во оценувањето на учениците преку следење на одделенските дневници и укажување на пропустите кај предметнитеи одделенскитенаставници	ноември	-континуирана контрола и увид во процесот на оценување на учениците преку анализа на одделенските дневници, -идентификување евентуалните пропусти кај предметните и одделенските наставници.
Посета и следење на часовите од СУА	континуирано	Оценување на нивната содржинска релевантност, вклученоста и мотивираноста на учениците
Изготвување на финансов план за 2025година	декември	-ефикасно распоредување и користење на финансиските средства на училиштето
Организирање и реализирање на попис за 2024 година	декември	-спроведување систематски и точен попис на сите материјални и финансиски средства на училиштето за 2025 година -обезбедување на актуелни и веродостојни податоци за имотот, - подобрување на контролата и управувањето со ресурсите
Консултации и советодавна работа со родители во врска со успехот,дисциплината и редовноста научениците	континуирано	-ефективна комуникација и соработка со родителите преку консултации и советодавна поддршка, со цел подобрување на успехот, дисциплината и редовноста на учениците, како и зајакнување на партнерството помеѓу училиштето и семејството во процесот на воспитување и образование.
Организирање работилници, акции, базари, приредби	континуирано	-активно вклучување на учениците, родителите и

		вработените во креативни, едукативни и хуманитарни активности -зајакнување на заедницата, - промоција на училишните вредности.
Подготовка и одржување на Одделенски совети и Наставнички совет за прво полугодие	јануари	-анализа на воспитно-образовниот процес, -евалуација на постигнувањата на учениците, -идентификување на предизвиците и планирање на мерки за унапредување на наставата и развојот на учениците.
Изготвување на Полугодишен извештај за работа на училиштето и одржување седница на наставнички совет,презентирање на истиот наУО	јануари	-анализа на воспитно-образовниот процес, реализираните активности и постигнатите резултати
Организирање активности- обуки, семинари... за професионален развој на наставниците, стручна служба и сопствено	континуирано	-континуиран професионален развој на наставниците, стручната служба и раководството на училиштето, - подобрување на наставната практика, педагошките компетенции и ефикасноста во работењето
Доставување завршна сметка за финансиското работење до УО	февруари	-обезбедување транспарентност, отчетност и основа за донесување информирани одлуки за финансиското планирање и управување.
Посета на наставни часови.	март	-идентификување добри практики - обезбедување конструктивна повратна информација -поттикнување професионален развој
Организирање свеченост по повод патрониот празник на училиштето	март	-развивање креативност и тимска работа -јакнење на училишната култура и традиција
Подготовка и одржување на Одделенски совети и Наставнички совет за трет квартал	април	-анализа на воспитно-образовниот процес, -евалуација на постигнувањата на учениците, идентификување на предизвиците и планирање на мерки за унапредување на наставата и развојот на учениците.

Организирање и изведување на ученички екскурзии	Април	-проширување на знаењата и искуствата на учениците
Подготовска и одржување на училишни натпревари	април	-афирмирање на постигнувањата на учениците-поттикнување на соработка меѓу ученици, наставници и родители
Формирање комисија за упис на првачиња	април	- обезбедување организирана, правична и ефикасна реализација на процесот на запишување ученици во прво одделение
Увид во оценувањето на учениците преку следење на одделенските дневници	мај	осигурување објективност, транспарентност и навременост во оценувањето; -обезбедување квалитетна педагошка документација;
Активности во соработка со стручниот соработник од областа на професионалната ориентација и советување на учениците од деветто одделение	мај	-поддршка на учениците од деветто одделение во процесот на донесување одлуки за продолжување на нивното образование
Подготовка и одржување на Одделенски совети и Наставнички совет за крај на учебната година	јуни	-анализа на воспитно-образовниот процес, -евалуација на постигнувањата на учениците, идентификување на предизвиците и планирање на мерки за унапредување на наставата и развојот на учениците.
Изготвување на годишен извештај за работата на училиштето	јуни	-обезбедување целосна, објективна и структурирана анализа на реализираните активности, постигнувањата, предизвиците и развојните текови во текот на учебната година
Формирање тим за изработка на годишна програма за работа на училиштето	јуни	-изготвување сеопфатна и реална програма што ги одразува приоритетите, потребите и целите на воспитно-образовниот процес

Прилог 2- Годишни програми на стручните соработници

2.1 Годишна програма за работа на училишниот педагог за учебната 2025-2026 година

Активности	Време на реализација	Соработници	Форма	Ресурси	Индикатори
Подрачје I – РАБОТА СО УЧЕНИЦИ					
Поддршка на учениците во учењето					
1. Работилници за подобрување на учењето на учениците преку едукација за Модели на успешно учење.	Прво полугодие	педагог, психолог, дефектолог	Работилници, интерактивни предавања	Едукативни материјали, презентации, примери за учење, Brain Gym вежби	Подобрен успех на учениците.
2. Индивидуално и/или групно поучување на учениците со потешкотии во учењето.	Континуирано во текот на учебната годината	педагог, психолог, дефектолог	Индивидуални консултации, групни сесии	Прирачници, специјализирани вежби, дидактички материјали, ИОП	Едукација на ученици за надминување на потешкотиите во учењето.
3. Самооценување на работата и дисциплината на учениците.	Континуирано во текот на учебната годината	наставници	Работилници, дискусии, изработка на контролни листи	Прашалници, листи за самооценување, примери за добро однесување	Подобрена работна атмосфера и дисциплина во паралелките.
4. Учество во изработка на индивидуален образовен план за ученици со пречки во развојот.	Август-септември	педагог, психолог, дефектолог, наставници, родители	Тимски состаноци, индивидуални консултации	Законска регулатива, прирачници за ИОП, обрасци за ИОП, студии на случај	Приспособени наставни содржини согласно нивните потреби и можности.
5. Работилници за поттикнување	Континуирано	педагог,	Интерактивни	Едукативни игри,	Да развиваат и

на другарство, почит и соработка кај учениците.	во текот на учебната годината	психолог, дефектолог	работилници, игри со улоги, групни активности	приказни, примери за соработка, материјали за тимска работа	негуваат добри меѓусебни односи, емпатичност и соработка.
6. Работилници за подобрување и унапредување на менталното здравје кај учениците.	Континуирано во текот на учебната година	педагог, психолог, дефектолог, наставници	Работилници, предавања, индивидуални и групни советувања	Прирачници за ментално здравје, вежби за релаксација, стручна литература, контакти од институции за поддршка	Да стекнат поголема свест за себеси, поголема самодоверба, излез од емоционалните проблеми, да се грижат и да го подобрат своето ментално здравје.
Следење и поддршка на развојот на учениците					
1. Помош на учениците за справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, семејно насилство).	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, дефектолог	Индивидуални советувања, упатување до надлежни институции	Протоколи за постапување во кризни ситуации, контакти од ЦСР, Здравствени установи	Стручна помош и поддршка на учениците во надминувањето на состојбите.
2. Проверување - читање со размислување на учениците.	Второ полугодие	педагог, психолог	Тестирање, индивидуални проверки, разговор	Стандардизирани тестови за читање со разбирање, дијагностички алатки	Увид во читањето со размислување кај учениците.
3. Проверување на брзина и точност на читање на учениците како и нивните предчитачки способности.	Прво полугодие	педагог, психолог	Тестирање, индивидуални проверки	Дијагностички тестови за брзина и точност на читање, сликовници, приказни	Увид во усвоеноста на техниката на читањето кај учениците.
4. Интервенирање при несоодветно однесување на	Континуирано во текот на	педагог, психолог	Индивидуални и групни	Протоколи за справување со несоодветно	Разрешени настанати

учениците.	учебната година		разговори, медијација, советување	однесување, етички кодекс	конфликти и проблеми.
5. Реализирање работилници и други активности со ученици за Превенција од насилно однесување.	Континуирано во текот на учебната година	педагог, психолог	Работилници, предавања, тематски денови	Едукативни материјали, видео содржини, примери за ненасилно комуницирање	Подобрено однесување на одредени ученици и подобрена врсничка комуникација.
6. Работилници на теми поврзани со физичкото и менталното здравје (зависности, асоцијално однесување, дискриминација и сл.).	Континуирано во текот на учебната година	педагог, психолог	Работилници, предавања, дискусии, гости предавачи	Информативни брошури, стручна литература, статистички податоци, сведоштва	Надминати одредени здравствени состојби кај учениците.
7. Учество во идентификацијата и реализацијата на воннаставни активности на учениците.	мај	педагог, психолог	Состаноци со ученичка заедница, анкетирање, координација	Програми за воннаставни активности, листи на интереси, предлог активности	Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето.
8. Реализирање активности со Ученичка и Детска организација за практикување демократија и детски права во училиштето.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог	Состаноци, работилници, дебати, проекти	Конвенција за правата на детето, примери за демократско одлучување, материјали за детски права	Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето.
9. Советување и следење на ранлива група ученици.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог	Индивидуални и групни советувања, домашни посети	Досиеја на ученици, социјални карти, контакти со ЦСР	Подобрен успех и поведение на учениците.
Професионална и кариернаориентација на учениците					
1. Информирање на учениците за	Во текот на	педагог,	Предавања,	Брошури од училишта,	Правилен избор

можностите и перспективите на професиите и мрежата на средни училишта/високообразовни институции.	годината	психолог, дефектолог	презентации, саеми за професии	веб-страници, видео материјали, стручни лица	на идната професија на учениците.
2. Организирање презентации на средните училишта/високообразовните институции и стопанските субјекти.	Во текот на годината	педагог, психолог, дефектолог	Презентации во училиште, посети на средни училишта/компании	Промотивни материјали, говорници од индустријата/образованието	Запознавање на учениците со струките во средните училишта.
3. Индивидуално и групно советување на учениците за правилен избор на понатамошно образование или професија.	Во текот на годината	педагог, психолог, дефектолог	Индивидуални консултации, групни работилници	Професионални тестови за ориентација, прашалници за интереси, разговор со родители	Соодветно насочување и правилен избор на учениците за идната професија.
4. Активности за професионална ориентација и кариерно образование на учениците.	Во текот на годината	педагог, психолог, дефектолог	Анкетирање, тестирање, работилници за кариерни вештини	Анкети, тестови за способности и интереси, прирачници за кариерна ориентација	Спроведени анкети, тестови и прашалници за правилен избор на идната професија на учениците.
Подрачје II – РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ					
Поддршка на наставниците за планирање и реализација на восп.-образ. Процес					
1. Стручна помош и поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес.	Во текот на годината	педагог, психолог	Индивидуални консултации, работилници	Прирачници за планирање, наставни програми, стручна литература, примери на добра пракса	Подобрен квалитет на работата на наставниците.
2. Помагање на наставниците при изработка на објективни тестови на знаења.	Во текот на годината	педагог	Работилници, индивидуални консултации,	Прирачници за евалуација, критериуми за оценување, бази на	Правилна изработка на тестови на

			примери за тестови	прашања	знаења.
3. Давање насоки и стручна помош за документирање на постигањата на учениците (групни, индивидуални консултации).	Прво полугодие	педагог, психолог	Индивидуални и групни консултации, демонстрации	Правилници за оценување, обрасци за формативно следење, примери	Правилно формативно следење и оценување на учениците.
4. Стручна помош и менторирање на наставници приправници.	Во текот на годината	педагог	Индивидуални состаноци, набљудување на часови, споделување искуства	Програма за менторство, стручна литература за менторство	Насочување на приправниците за правилно и одговорно извршување на работните задачи.
5. Изработување инструменти за самовреднување на наставата.	Прво полугодие	педагог, психолог	Работилници, тимска работа	Примери за инструменти за самовреднување, чек-листи, скали на проценка	Евалуација на работата.
6. Состаноци со координаторите и одговорните на проектите и организациите во училиштето.	Во текот на годината	педагог, психолог	Редовни состаноци, извештаи, дискусии	Агенди за состаноци, проектна документација, евалуациони извештаи	Евалуирани активности и издвоени идни приоритети.
Поддршка на наставниците за работа со учениците					
1. Едукативни работилници за наставници (според потребите на наставниците).	Во текот на годината	педагог, психолог	Работилници, обуки, презентации	Стручна литература, прирачници, искуства од други училишта	Според потребите на наставниците. Подобрен квалитет на наставата.
2. Следење и стручни консултации со наставниците за примена на активна настава во воспитно-образовниот процес и интеракција У-У.	Во текот на годината	педагог, психолог	Набљудување на часови, индивидуални консултации, демонстрации	Прирачници за активна настава, видео примери, стручна литература	Применување на активна настава и интеракција во наставата.
3. Објаснување и демонстрирање	Во текот на	педагог,	Работилници,	Примери за стилови на	Подобрена

начини на кои може да им се помогне на учениците за користење различни приоди во учењето.	годината	психолог	демонстрации, индивидуални консултации	учење, когнитивни стратегии, дидактички материјали	работата на наставниците.
Поддршка на наставниците за работа со родителите					
1. Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите.	Во текот на годината	педагог, психолог	Работилници, предавања, дискусии за студии на случај	Приручници за комуникација, етички кодекс, успешни примери	Подобрена комуникација наставник-родител.
2. Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области.	Прво полугодие	педагог, психолог	Состаноци, разговори, изработка на план за соработка	Анализа на потребите, листи на контакти, материјали за соработка	Активно вклучени родителите во работата на училиштето.
3. Предлагање содржини за Совет на родители и родителски средби соодветни на потребите.	Во текот на годината	педагог, психолог	Состаноци со Совет на родители, анализа на потребите	Записници од состаноци, анкети за потреби, предлози за теми	Реализирани содржини според потребите.
Подрачје III - РАБОТА СО РОДИТЕЛИ					
Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите					
1. Реализирање стручни консултации и помош на родителите на учениците со пречки во развојот.	Прво полугодие	педагог, психолог	Индивидуални и групни консултации, предавања	Законска регулатива, информативни брошури, контакти од институции за поддршка	Информирани родителите на децата со пречки во развојот за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и упатени до релевантни

					институции за помош.
2. Реализирање индивидуални консултации со родителите за изработка на индивидуален образовен план и поддршка на децата со пречки во развојот.	Септември-октомври	педагог, психолог, дефектолог, наставници	Индивидуални состаноци, работилници	Прирачници за ИОП, обрасци за ИОП, студии на случај	Приспособени наставните содржини согласно нивните потреби и можности.
3. Организирање и спроведување групни и индивидуални советувања со родители чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог	Индивидуални и групни советувања, средби	Досиеја на ученици, евиденција на изостаноци, примери од пракса	Подобрен успех и поведение на учениците.
Едукација на родители					
1. Подготвување материјали за едукација на родителите (презентации, брошури, флаери, пишани материјали).	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог	Изработка на едукативни материјали	Стручна литература, веб-страници, графички алатки, софтвер за презентации	Корисни и применливи материјали за едукација на родители.
2. Организирање групни и индивидуални средби за стручна помош и поддршка на родители.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог	Предавања, работилници, дискусии, советувања	Прирачници, стручни списанија, видео содржини, поканети предавачи	Едукација на родители за надминување на потешкотиите во учењето на учениците.
3. Индивидуални и групни советувања за професионална и кариерна ориентација на родителите.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог	Индивидуални и групни консултации	Информативни материјали за професии, резултати од тестови, разговори	Соодветно насочени родители за идната професија на нивните деца.
4. Организирање едукативни	Континуирано	педагог,	Работилници,	Прирачници, студии на	Едуцирани

средби и/или работилници со родители (на пр. развојни карактеристики на деца, карактеристики на учење, електронско насилство, мотивација за учење, развивање и јакнење на самодоверба и сл.).	во текот на годината	психолог	предавања, дискусии	случај, искуства од други училишта, гости предавачи	родители.
Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето					
1. Планирање и активно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес.	Во текот на годината	педагог, психолог	Состаноци, групна работа, проекти	Анкети за интереси, списоци на волонтери, проектни планови	Формирање групи од родители за различни области од работата на училиштето. Активно вклучени родители во воспитно-образовниот процес.
Подрачје IV - СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА					
Соработка со локалната заедница					
1. Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности).	Прво полугодие	педагог, психолог, наставници, родители	Состаноци, заеднички проекти, посети на институции	Планови за соработка, договори со институции, транспортни ресурси	Продлабочување на соработката со Локалната заедница и сознанијата во одредени области.
2. Информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници,	Соопштенија, веб-страница на	Информативни текстови, фотографии, видео материјали, контакти со	Унапредување на комуникација со Локалната

		родители	училиштето, локални медиуми	медиуми	заедница.
3. Организирање и реализирање превентивни, хуманитарни и културни активности на Локалната заедница.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници, родители	Работилници, настани, кампањи, собирни акции	Материјали за кампањи, договори со хуманитарни организации, простор за настани	Активно вклучување во активностите на Локалната заедница.
4. Соработување со Локалната заедница при справување со кризни ситуации (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и сл.).	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници, родители	Координативни состаноци, изготвување протоколи, обуки	Протоколи за постапување, контакти со служби за итни случаи (МВР, брза помош, ЦУК)	Подигнување на свест за хуманост.
5. Планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници, родители	Работилници, тематски денови, проекти, размени	Материјали за интеркултурализам, гости од различни култури, меѓународни програми	Продлабочување на соработката со Локалната заедница за интеркултурно образование.
Соработка со стручните институции и организации					
1. Консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители за сопствената работа и земање предвид на нивните препораки.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Состаноци, разговори, барања за мислење	Извештаи од институции, законска регулатива, стручни мислења	Разрешени одредени ситуации и проблеми. Подобрен успех за сопствената работа.
2. Планирање и остварување соработка со училиштата од реонот и пошироко.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Состаноци, посети, заеднички проекти, размена на искуства	Планови за соработка, контакти од други училишта, проектна документација	Подобрен квалитетот на воспитно-образовниот процес.

3. Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање на одреден проблем.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Индивидуални консултации, информативни сесии, насочување	Листа на контакти од институции (ЦСР, Здравствени домови, Полиција, НВО), брошури	Разрешени одредени ситуации и проблеми.
4. Соработка со стручни институции и организации - ЦСР, Факултети, МВР, Детска педијатрија, ЛЗ, ЗМЗ, МЦГО, МОН, БРО.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Редовни состаноци, заеднички проекти, обуки, размена на информации	Протоколи за соработка, договори за партнерство, стручни материјали	Подобрување на успехот и поведението на учениците. Подобрен квалитет на наставата и работата на училиштето.
Подрачје V - ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА					
Личен професионален развој					
1. Внесување иновации во сопствената работа и вршење проценка на нивната ефективност.	Континуирано во текот на годината	педагог	Истражување, имплементација, евалуација	Стручна литература, онлајн курсеви, конференции, ментори	Подобрен квалитет на сопствената работа.
2. Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој.	Прво полугодие	педагог	Изработка на личен план, редовно ажурирање	Портфолио за професионален развој, обрасци за евиденција	Изработен личен план за професионален развој и евидентирани спроведени активности.
3. Примена во практиката на новините од струката.	Континуирано во текот на годината	педагог	Демонстрации, пилот проекти, размена на искуства	Стручна литература, најнови истражувања, примери од други практики	Подобрен квалитет на работата.
4. Посета на семинари, обуки, предавања, дебати, работилници.	Континуирано во текот на	педагог	Присуство на настани,	Сертификати, материјали од обуки, белешки	Унапредување на сопственото

	годината		активна партиципација		работење.
Поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето					
1. Прибирање податоци, анализирање на потребите за професионален развој на наставниците.	Прво полугодие	педагог, психолог	Анкетирање, фокус групи, интервјуа	Анкети, прашалници, извештаи од набљудувања	Увид во потребите за професионални от развој на наставниците и стручните соработници.
2. Идентификување и предлагање теми за обука во училиштето.	Прво полугодие	педагог, психолог	Анализа на податоци, консултации со наставници	Извештаи од анализа на потреби, предлози за обуки	Поддршка и идентификувањ е на потребите за професионални от развој на наставниците и стручните соработници.
3. Дисеминирање на стекнати знаења и вештини од посетувани обуки.	Континуирано во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Внатрешни работилници, презентации, споделување материјали	Презентации, едукативни материјали, практични вежби	Унапредување на реализацијата на наставниот процес.
4. Водење документација за професионалниот развој на наставниците.	Континуирано во текот на годината	педагог	Ажурирање на досиеја, креирање база на податоци	Досиеја на наставници, сертификати, планови за развој	Следење и насочување на Професионални от развој на наставниците.
Подрачје VI – АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА					
Анализа и проценка на воспитно-образовната работа					
1. Предлагање и учество во акциски истражувања.	Во текот на годината	педагог, психолог	Иницирање, планирање, реализација	Стручна литература за акционо истражување, методолошки упатства	Едуцирање и насочување на наставниците за

					применување на Акционо-истражување во воспитно-образовната практика, зголемување на ефективноста на наставата.
2. Интерпретирање на сознанијата од акциските истражувања.	Во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Анализа на податоци, изработка на извештаи, презентации	Статистички алатки, софтвер за анализа на податоци, стручна литература	Размена на искуства и сознанија. Подобрување на квалитетот на наставата.
3. Изработка на извештаи.	Во текот на годината	педагог, психолог, наставници	Пишување извештаи, презентации	Училишна документација, податоци од евиденција, обрасци за извештаи	Изработен годишен извештај на училиштето.
7.2 Изработка на годишна	Дефектолог	- Координација	Индивидуална	Јуни	Стручна литература,	Изготвена годишна	Годишна програма за

програма за работа на стручен соработник - дефектолог за учебната 2025/2026 г.		за изработка на годишна програма. - Изработување на сопствена годишна програма за учебната 2025/2026 година.			приручници од БРО, компјутер, хартија.	програма.	работа на дефектологот.
7.3 Изготвување на индивидуални образовни планови за учениците со ПОП	Директор, Психолог, Педагог, Наставници	- Координација на изработката на индивидуални образовни планови за **учениците со ПОП**.	Групна	Септември-Октомври	Наставни планови, програми и приручници од БРО, УСАИД.	Изготвени годишни програми.	Годишни програми. Индивидуални образовни програми.
7.4 Изработка на програма за работа на тимот за инклузија	Училишен тим за инклузија	- Учество во изготвување програма за работа на училишниот инклузивен тим.	Индивидуална, Групна	Јуни	Стручна литература, компјутер, хартија.	Реализација на планираните активности за работа со **ученици со ПОП**.	Годишен извештај. Годишна програма. Записници од состаноци на инклузивниот тим. Евиденција за работа со ученици.
7.5 Изработка на програми	Психолог, Педагог,	- Учество во изготвување	Индивидуална, Групна	Јуни	Стручна литература,	Изготвени програми за	Годишен извештај.

за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии	Наставници	програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии.			компјутер, хартија.	работа со надарени ученици и ученици со емоционални потешкотии и реализација на планираните активности.	Годишна програма. Евиденција за работа со ученици.
7.6 Водење на евиденција и документација на учениците со ПОП	Стручни соработници, Директор	- Месечен оперативен план. - Хронолошки дневник за работа. - Евиденција за соработка со ученици, наставници, родители. - Дефектолошко досие за **учениците со ПОП**.	Индивидуална	Секој месец	Стручна литература, Годишна програма и извештај за работа на училиштето, ИКТ.	Унапредување на воспитно-образовниот про	

Изготвил, Марија Костовска

2.4 Годишна програма за работа на библиотекарот-медијатекарот за учебната 2025-2026 година

1. Воспитно – образовна работа со ученицит

Ред. бр.	Воспитно – образовна работа со учениците	Активности	Цели	Соработници и носители	Време на реализација
1.	Свечено зачленување на учениците од прво одделение	Презентација на книги, запознавање со начинот на издавање на книгите, пополнување и делење членски книшки	Запознавање со опременоста, начинот на издавање книги во училишната библиотека, развивање љубов и читателски способности кај учениците	библиотекар наставници ученици	Октомври
2.	Создавање на навики за внимателно ракување, чување и заштита на библиотечниот (медиотечниот) материјал	Континуирано давање упатства за начинот на чување на книгите	Подигнување на свеста за грижа на книгата и ресурсите на училиштето	библиотекар наставници ученици	во текот на годината
3.	Создавање навики кај учениците за самостоен избор на книги	Објаснување за начинот на кој се подредени книгите во библиотеката	Оспособување за самостојно користење на библиотечниот фонд	библиотекар	во текот на годината

4.	Создавање на навики за навремено враќање на издадените книги	Континуирање давање упатства за обврските кон библиотеката	Зголемување на одговорноста и почитување на правилата	библиотекар	во текот на годината
5.	Организирање на наставни часови во библиотеката	Одржување часови во библиотека на учениците од одделенска и предметна настава	Запознавање со книжниот фонд на библиотеката кој може да се користи во наставата, во изработката на домашните задачи и други активности	библиотекар наставници ученици	во текот на годината

2. Културна и јавна работа

Ред. бр.	**Културна и јавна работа**	**Активности**	**Цели**	**Соработници и носители**	**Време на реализација**
1.	Одбележување на месецот на книгата	Изработка на пораки за книгата, цитати од познати автори, организирање презентации на книги од библиотеката	Зголемување на свеста за значењето на книгата, поттикнување за почесто изнајмување книги, запознавање со различните видови публикации, запознавање со творештвото на македонските поети и изразно рецитирање.	библиотекар наставници, ученици стручна служба	Октомври
2.	Организирање посета на Саемот		Запознавање со издавачките куќи и фондот, видовите книжевни	библиотекари наставници	

	на книгата	Посета на саемот на книга	публикации кои можат да ги имаат, зголемување на желбата за купување и читање книги од различни области	ученици	Април
3.	Соработка со новинско издавачките куќи за детски списанија	Понуда и презентација на списанијата	Запознавање со содржините на детските списанија, поттикнување на лично творештво,учество во активностите кои ги нудат издавачите(литературни, ликовни конкурси и др.)	директор, библиотекар, наставници, ученици и издавачи	во текот на годината
4.	Анализа на најчитани книги и избор на најдобри читатели	Анализа на најизнајмувани книги и ученици кои најмногу изнајмувале книги	Зголемување на интересот за читање на книги со различна тема, пофалба на учениците, добивање информации за видот на книги кои поттикнуват интерес кај учениците	библиотекар	во текот на годината
5.	Одбележување на 2 април меѓународниот ден на детската книга	Организирано литературно читање детска литература, украсување на пано, читање краток реферат за исотријата на меѓународниот ден на книгата	Запознавање со историјата на меѓународниот ден на детската книга, поттикнување на учениците за читање	библиотекар наставници ученици	Април
6.	Организиранапосета општинската библиотека	Посета на библиотека ,,Кочо Рацин,,	Запознавање со Универзитетската библиотека и нејзините функции	Библиотекар , наставник по македонски , историја и ученици со родители	**Ноември**

7.	АРС ЛАМИНА во нашето училиште	печатницата АРС ЛАМИНА	Запознавањето со работата на една печатница, промоција на нова книга, запознавање со патот на книгата до крајниот корисник	Библиотекар , наставник	**Текот на учебната година**
8.	Соработка со автор за деца и млади	Гостување во нашето училиште или посета на промоција на книга	Да научат од каде идеите за творење и да се роди интерес за лично творење, како и желба за читање	Наставник, библиотекар, ученици, автор	**Текот на учебната година**

3. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите

Ред. бр.	**Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите**	**Активности**	**Цели**	**Соработници и носители**	**Време на реализација**
1.	Соработка со наставниците,ученици и стручните соработници во планирањето за набавка и обнова на книжниот фонд и учебници за следната учебна година	Изработка на анкетни листови и список на книги кои им се потребни на наставниците за настава и професионално усовршување, доставување список на учебници кои ќе се користат за следната учебна година	Подобрување на квалитетот на наставата, употреба на соодветни учебници	директор библиотекар, ученици и наставници психолог	во текот на годината

2.	Користење стручна литература	Доставување список на стручна литература и Презентација на истиот во библиотеката	Зголемување на квалитетот на наставата,	директор, библиотекарнаставници, ученици,психолог	во текот на годината

4. Библиотечно – информативна и стручна работа

Ред. бр.	**Библиотечно – информативна и стручна работа**	**Активности**	**Цели**	**Соработници и носители**	**Време на реализација**
1.	Континуирана обнова на книжниот фонд во библиотеката	Анализа и доставување список на потребни книги во библиотеката, советување при избор истите,преку донација и купување	Постојана достапност на лектирните изданија, стручна литература за учениците и наставниците	директор библиотекар наставници психолог педагог	во текот на годината
2.	Континуирано инфомирање на корисниците на библиотеката за набаваените книги, весници и други материјали	Доставување список до наставниците, стручната служба, учениците	Золемено користење на стручната литература во наставата и работата на стручните служби	директор библиотекар наставници,	во текот на годината
3.	Техничка обработка на новодобиените книги	Потпечатување,инвентирање,сместување на книгите	Евиденција, сместување и достапност на книгите	библиотекар	во текот на годината

4.	Контактирање со МОН за учебници и електронско пополнување на формулар за нарачка и расход на учебници	Пополнување на електронскиот формулар,доставна на формуларот до МОН, расход на учебници кои не се користат во настава согласно упатството дадено од МОН	Навремено снабдување на учениците со учебници, ослободување простор во библиотеката за новите учебници	директор, библиотекар	август-септември
5.	Учество на семинари	Учество на семинари одобрени од МОН и БРО	Стручно усовршување	библиотекар	во текот на годината
6.	Информирање за книги кои не се вратени	Доставување список до одделенските раководители за невратени книги на учениците	Почитување на обврските на учениците, зачувување на книжниот фонд	библиотекар	во текот на годината
7.	Примање, делење на бесплатни учебници и пополнување записници за истите	Достава на учебници за учениците, пополнување записници согласно Правилникот за учебници на МОН	Навремено снабдување на учениците и наставниците со книги, непречено изведување на наставниот процес, евиденција во бројот на учебници кои се на располагање	библиотекар	септември-јуни

Библиотекар, Христина Јанева

Прилог 3 – Годишни програми на Училишниот одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Стручни активи, Одделенски совети

3.1 Годишна програма за работа на Училишниот одбор за учебната 2025-2026 година

Училишниот одбор во соработка со директорот на училиштето и училишните тимови постојано поттикнува активности кои ќе обезбедат квалитет во работењето.

Училишниот одбор е составен од кои **седум членови со право на глас** и **двајца членови без право на глас**, и тоа:

- **Тројца претставници од редот на наставниците и стручните соработници;**
- **Тројца претставници од редот на родителите/старателите на учениците;**
- **Еден претставник од основачот;**
- **Двајца претставници од ученичката заедница (Ученички парламент).**

• Претставници од **наставниците, воспитувачите и стручните соработници**	• **Тоше Столески**- член, • **Николета Нестор** – член, • **Лорета Станковиќ** -член.
• Претставници од **Советот на родители**	• **Костадин Андов** -претседател на Училишен одбор, • **Игор Костиќ**- заменик претседател на Училишен одбор • **Виолета Јакимовска-Поповска** член и записничар
• Претставник од **основачот, општината**	• **Весна Димитровска**
• Претставници од **Ученичката заедница** (членови без право на глас)	***///***

Оперативна програма за работа на Училишниот одбор за учебна 2025-2026 година

Активности	Време	Реализатори
Разгледување и донесување Годишната програма за работа на училиштето	VII	Членови на Училишниот одбор
Кадровски прашања по однос на огласи за вработување	VIII – IX	Членови на Училишниот одбор
Формирање на комисија за спроведување на постапка за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас за изведување ученички екскурзии во училиштето	IX	Членови на Училишниот одбор
Разгледување и усвојување на Годишен буџет на приходи и расходи на училиштето за 2025-2026.	XII	Членови на Училишниот одбор
Разгледување на извештај од извршен попис.	I –II	Членови на Училишниот одбор
Разгледување на финансовиот извештај и други извешти кои се однесуваат на материјално - финансовото работење во училиштето	I-II	Членови на Училишниот одбор
Разгледување и усвојување на годишната, завршна пресметка за материјално -финансовото работење на училиштето	I-II	Членови на Училишниот одбор
Усвојување на Извештајот за работата на училиштето од првото полугодие и други квартални извештаи	XI,I-II, IV,	Членови на Училишниот одбор
Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето на крајот од учебната година	VI	Членови на Училишниот одбор
Евалуација на работата на Училишниот одбор во тековната година (полугодишен и годишен извештај од работата)	I-II / VI	Членови на Училишниот одбор
Разгледување и донесување на Правилници, акти и други прописи и нивно усогласување со законската регулатива по однос на измените кои настануваат	Тековно	Членови на Училишниот одбор

Анализа на извршените санации и потребните тековни и инвестициони вложувања	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Верификација на мандати на членови на УО	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Разгледување на предлози од Наставнички совет, Совет на родители, ученици, наставници или друго инволвирано лице	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Информации и помош во реализација на проектите во училиштето	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Донесување одлука за набавка и користење на основни средства	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Измени и анекс дополнувања на Планот за јавни набавки согласно потребите на училиштето	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Утврдување на висината за издавање училишен простор – училница,хол, фискултурна сала и тениски и фудбалски терени во учебната 2025/2026г.	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Отпис и расходување на искршен, амортизиран, непотребен инвентар	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Разгледување на одредени измени и дополнувања во ЗОО	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Разгледување и донессување на одлуки по однос на приговори , молби, барања доставени до Училишниот одбор	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Известувања за и од инспекциски надзор на училиштето	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Посета на обуки и семинари за членовите на Училишниот одбор	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Превземање на иницијативи за реализација на активности од важност за наставата, училиштето и локалната заедница	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Спроведување на Заклучоци и Одлуки од страна на Советот на општина Гази Баба кои се однесуваат на работата на училиштето	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Донесување на Одлуки за обезбедување на финансиски средства за семинари, обуки и патувања во и надвор од државата	Тековно	Членови на Училишниот одбор

*Училишниот одбор одржува и други состаноци по потреба и решава прашања кои ќе произлезат во текот на годината, во рамките на своите законски овластувања.
*Седниците на УО, согласно препораките и условите за работа, ќе се одржуваат во затворени простории, канцеларии, односно по пат на електронска комуникација со користење на платформата ЗУМ, Microsoft Teams или друг вид на алатки за електронска комуникација.
*Со изготвување на анексот на програмата може да претрпи измени и составот на членовите на Училишниот одбор.

Претседател на УО,
Костадин Андов

3.2 Годишна програма за работа на Советот на родители за учебната 2025-2026 година

Согласно Законот за основно образование, Советот на родители на училиштето се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката. Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.

Советот на родители:
- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,
- расправа за извештајот за работата на училиштето,
- предлага програми за подобрување на стандардите за наставата,
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди,
- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа,
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

1. Делување на Советот на родители

Советот делува во рамките на училиштето, соработува и со органите на локалната самоуправа, градот Скопје и други органи во државата. Главните активности на советот на родители се насочени кон **подобрување на квалитетот и работата во воспитно образовниот процес на учениците, подобрување на условите за работа во наставниот процес, следење на дисциплината за време на часовите и по нив , односот наставник- ученик-родител, со меѓусебна комуникација и информираност за тековните случувања и настани со вработените во училиштето**. Главна цел на работата на советот на

родители а **заедно со наставниците и вработените во училиштето на нашите ученици да им создадеме непречени услови за нивно мирно, безгрижно и успешно школување во ова училиште , градење на другарството, самодовербата, почитување на еднаквоста, да создадеме вистински и здрави личности за понатамошните предизвици низ образованието, професијата, семејството и животот.** Во работата на Советот , родителите се должни да ги почитуваат основните одредби и членовите од статутот и правилникот на училиштето, да ја почитуваат и спроведуваат програмата за работа на советот на родители.

Ред.бр	Содржини	Време за реализација	Учесници
1	• Конституирање на советот и презентирање на програмата за работа • Избор на раководство и претставник во училишниот одбор • Годишната програма за работа на училиштето,	Септември	Директор Родители – избрани претседатели во секоја паралелка Претставници од наставници од предметна и одделенска настава
2	• Изготвување анекс програма за работата на Советот на родители со конкретни актовности , време за реализација и одговорни родители и вработени.	Септември/ октомври	Директор Родители Претставници од наставници од предметна и одделенска настава
3	• Разгледување и анализа на реализацијата на наставниот план и програма, поведението и редовноста и постигнатиот успех на учениците	За секој квалификационен период (ноември, јануари, април,јуни)	Директор Родители, Претставници од наставници од предметна и одделенска настава
4	• Работа во тимови по паралелки согласно годишната програма и анекс програмата за работа	Ноември/декември	Директор Родители, Претставници од наставници од предметна и одделенска настава
5	• Организирање на спортски и други манифестации • Традиционални манифестации: „Тортијада“	Континуирано Октомври и март/април	Директор Родители Претставници од наставници од предметна и одделенска настава
6	• Годишен извештај за работата на Советот на родители • Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето	Јули/август	Директор Родители Претставници однаставници од предметна и одделенска настава

- **Членови на советот на родители**

Списокот на членовите на советот на родители ќе бидат формирани согласно изборот на родителите од првата родителска средба

**Со изготвување на анексот на програмата може да претрпи измени и составот на членовите од советот на родители.*

3.3 Годишна програма за работа на Наставничкиот совет за учебната 2025-2026 година

Наставничкиот совет при ООУ „Григор Прличев“ е стручен орган во училиштето. Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.
Наставничкиот совет работи по своја програма.

Реден број	Содржина и активности	Реализатор	Време на реализација
1.	Дава мислења по предлогот годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година и го следи нејзиното извршување	Директор, стручни соработници, наставници	јули
2.	Дава мислење за распределба на часовите меѓу наставниците	Директор, стручни соработници	јули-август
3.	Давање на задолженија, предлагање членови за тимови, планирање и организирање на подготовките за почеток на учебната година	Директор, стручни соработници	август
4.	Планирање и организирање на екскурзиите и посетите;	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината
5.	Определување ментор за наставници-приправници	Директор, стручни соработници,	септември

6.	Организирање на подготовки и активности за спроведување на самоевалуацијата на училиштето	Директор, стручни соработници, наставници	септември-октомври
7.	Утврдување на дневниот ред на родителските средби и повратни информации од одржаните родителски средби	Директор, стручни соработници, наставници	септември, ноември, јануари, април, јуни
8.	Разгледување на реализацијата на наставниот план и програма и презема мерки за нивно извршување,	Директор, стручни соработници, наставници	ноември, јануари, април, јуни
9.	Разгледување и утврдување на редовноста и поведението на учениците	Директор, стручни соработници, наставници	ноември, јануари, април, јуни
10.	Разгледување и утврдување на постигнатиот успех на учениците	Директор, стручни соработници, наставници	ноември, јануари, април, јуни
11.	Изрекување пофалби за постигнатите успеси на учениците и нивните ментори	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината
12.	Одлучува за воспитни мерки	Директор, стручни соработници, наставници	тековно
13.	Давање на повратни информации од спроведените инспекциски надзори	Директор, стручни соработници	тековно
14.	Организирање воннаставни и општествено-корисни манифестации	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината
15.	Формирање на комисии	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината
16.	Дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето	Директор, стручни соработници,	јануари

		наставници	
17.	Претставување на Годишниот план за јавни набавки	Директор,	јануари
18.	Разгледување на полугодишниот и годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки,	Директор, стручни соработници, наставници	јануари, јуни
19.	Организирање на подготовки за одбележувањена Патрониот празник на училиштето	Директор, стручни соработници, одговорни наставници	март
20.	Донесување одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината
21.	Расправа и одлуки по стручни прашања од ВОД	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината
22.	Други работи утврдени во Статутот на училиштето	Директор, стручни соработници, наставници	во текот на годината

- Наставничкиот совет, освен планираните состаноци може да одржи состаноци кои ќе произлезат од тековните активности во училиштето.

Записничар, Благица Секуловска
Заменик-записничар, Татјана Силјановска-Гочкова

3.4 Годишна програма за работа на Одделенски совети за учебната 2025-2026 година

Согласно Законот за основно образование Советот на **одделенските наставници** го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето. Советот на одделенските наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, за учениците кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Советот на **предметните наставници** го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници научилиштето. Советот на предметните наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Одделенскиот совет се состанува по потреба во текот на учебната година, а задолжително по еднаш во секој квалификационен период.

Реден број	Активности	Време на реализација	Реализатори
1.	Анализа на реализација на наставниот план и програм по одделенија	На крајот од секој квалификационен период	Директор, стручни соработници, наставници
2.	Анализа на редовноста и поведението на учениците	На крајот од секој квалификационен период	Директор, стручни соработници, наставници
3.	Анализа на постигнатиот успех на учениците	На крајот од секој квалификационен период	Директор, стручни соработници, наставници
4.	Предлози за изрекување на педагошки мерни и истакнување на солидни ученици и пофалба на истите	На крајот од секој квалификационен период	Директор, стручни соработници, наставници
5.	Давање предлог мерки за подобрување	На крајот од секој квалификационен период	Директор, стручни соработници, наставници

Записничар, Љубица Коцеска (одделенска настава) **Записничар**,Христијан Христовски (предметна настава)

3.5 Годишна програма за работа на Стручните активи за учебната 2025-2026 година

3.5.1 Годишна програма за работа на стручниот акив на одделенска настава за учебната 2025-2026 година

сновна цел на стручниот актив е унапредување на воспитно-образовниот процес, перманентна грижа за стручно усовршување на наставниот кадар и грижа за напредокот на учениците. Активностите кои ќе ги преземе активот во оваа учебна година произлегуваат од зацртаните приоритети на ниво на училиште.
Членови на активот на одделенска настава се следниве наставници и истите се одд.раководители на следниве паралелки:

Ред. број	Наставник	Предмет	Улога
1	Николета Нестор	Одделенска настава-трето одделение	претседател
2	Марија Живковска	Одделенска настава – четврто одделение	заменик претседател
3	Лили Подолешова	Одделенска настава –четврто одделение	записничар
4	Пандорка Јовчевска	Одделенска настава – продолжен престој	член
5	Славица Мојсоска	Одделенска настава –петто одделение	член
6	Валентина Славковска	Одделенска настава –прво одделение	член
7	Ленка Пешевска	Одделенска настава-прво одделение	член
8	Ива Количев	Одделенска настава –второ одделение	член
9	Сузана Танева	Одделенска настава –петто одделение	член
10	Благица Секуловска	Одделенска настава –трето одделение	член
11	Сребра Илъовска	Одделенски наставник- продолжен престој	член
12	Љубица Коцеска	Одделенски наставник-второ одделение	член

Реден број	Тема	Цел	Реализатор	Време на реализација
1	-Избор на раководство на стручен актив-Изготвување на план за работа на стручниот актив -Изготвување на годишна програма за секции по одделенија. Консултации, договор за работа .	Заедничко планирање на програмата на Стручен актив	Стручен актив на одделенски наставници	Јуни 30.06.2025
2	-Планирање и изготвување на Годишна програма за работа за тековната учебна година -Учество во изработката на Годишната програма на училиштето -Организирање активности по повод Свечен прием на првачиња.	Изработка на годишно планирање на наставата и воннаставните активности. Договор за координација на годишните, тематските и дневните планирања. Изработка на распоред на часови. Ученички приредби	Стручен актив на одделенски наставници и стручна служба	Август 2025
3	Примена на асистивна технологија како алатка за подршка на инклузијата	Наставниците да научат ефикасно да ја интегрираат асистивната технологија во	Марија Костовска Сузана Танева Валентина Слаковска	Август

		наставата		
4	Методи и техники за справување со стрес	Наставниците да научат како да си помогнат во ситуации на напнатост и стрес, а вооедно да знаат и како да им помогнат на учениците да го намалат и совладаат сопствениот стрес	Катерина Натева –Теова Елена Т.Максимовска	Август
5	Приредба со учениците од одделенска настава за прием на првачиња на 1ви Септември	Пригодна точка за прием на првачиња		**Септември 2025**
6	-Консултации за увид во педагошка документација- Е-дневници; - Изготвување програма по повод прием на првачиња во Детската организација;	Да се предвидат активностите за одбележување на седмицата на Детската недела за учениците од II одделение	Одделенски наставници и стручна служба -Одговорни наставници Ива Количев и Љубица Коцеска	Октомври 2025
7	- Состаноци, консултации вклучување на сите членови на активот. Анализи на работата, успехот и дисциплината на	Следење и анализа на активностите на	Одделенските наставници и стручна служба	Ноември 2025

	учениците на крајот од првото тримесечие	активот Навремено идентификување и решавање на предизвиците		
8	Нагледни часови и теоретски предавања по договор меѓу наставниците од прво до петто одделение. -Консултации и увид во педагошка документација- Е-дневници; -Анализа на полугодишната работа -Одржување Одделенски совети, Наставнички совети за анализа (соработка со директорот,педагошка служба)	Разменување на мислења и искуства меѓу наставниците, давање на идеи како нештата да се подобрат во наставниот процес Увид во електронски дневник Организирање на родителски средби	Одделенските наставници и стручна служба	Декември 2025
9	Анализа на резултатите од работата на активот	Да се согледаат резултатите од реализираните активности	Наставници од стручниот актив	Јануари 2026
10	-Активности по повод 8-ми Март -Активности по повод Денот на екологијата;	Да се поведе разговор за будење и	Одделенските наставници од I-V	Март 2026

		одржување на еколошката свест кај сите ученици,а воедно и читање на теми соодветни за ЕКОЛОГИЈАТА		
11	Работилница-Активности по повод Априлијада, изготвување на маски Подготовка и одржување на Одделенски совети и Наставнички совет,(трето тримесечие од учебната 2025/2026г.) (соработка со директорот и педагошка служба); -Организирање на родителски средби; -Следење на редовноста и дисциплината на учениците;	Да се поттикнат учениците на креативност и изработка на маски од рециклиран отпад Припрема за најкреативна маска со учество на интерен конкурс со учениците од I-V одд. Припрема за родителска средба	Марија Живковска/Лили Подолешова Одделенските наставници од I-V	Април 2026
12	1.Состаноци,консултации вклучување на сите членови на активот. Размена на искуства за одржување на редовна настава	Следење и анализа на активностите на	Сите одделенски Наставници I-V	Мај 2026

	-Размена на искуства и увид во педагошка документација -Активности по повод Денот на словенските просветители „Св.Кирил и Методиј“ -24 –ти Мај;	активот Вреднување на постигнатите цели		
13	- Размена на искуства за одржување на настава, сумирање на искуствата и правење на анализа -Консултации и увид во педагошка документација - Одржување на Одделенски совети,Наставнички совет,анализа на успехот на крајот од наставната година; -Организирање на родителски средби и поделба на свидетелства; -изготвување на Годишен извештај за работата на активот во учебната 2025 / 2026 година	Увид во начинот на водење на педагошка евиденција и документа ција Разговори со педагошка та служба Одржување на одд.совети и родителски средби	Стручен актив на одделенски наставници и стручна служба	Јуни 2026

Забелешка: Во годишната програма може да има измени во зависност од времето на реализација, содржините и потребите на наставата во текот на учебната година, како и потребите на наставниците и самите ученици.

Претседател на актив: Николета Нестор
Заменик: Марија Живковска
Записничер: Лили Подолешова

3.5.2 Годишна програма за работа на стручниот акив на јазично –општествена група за учебната 2025-2026 година

1. Состав на **стручниот актив**

Ред. Број	Наставник	Предмет	Улога
1.	**Лорета Станковиќ**	Историја	претседател
2.	**Татјана Силјаноска Гочкова**	Македонски јазик	записничар
3.	**Фросина Димитровска**	Англиски јазик	член
4.	**Хилда Стефковска**	Англиски јазик	член
5.	**Тереза Блажевска**	Германски јазик	член
6.	**Елена Владева Апостолов**	Музичко образование	член
7.	**Елена Тасевска**	Македонски јазик	член
8.	**Јулија Никовска Пешевска**	Ликовно образование	член

2. **Активности** на **стручниот актив** за **учебната 2025/26 година**

Ред број	Тема	Цели	Ресурси	Исходи	Реализатор	Време на реализација
1.	Избор на раководство и конституирање на активот	Избирање на раководство и конституирање на активот	Членовите на активот со нивните знаења и способности	Избрано раководство и конституиран актив	Сите членови	30.06.2025

2.	Размена на искуства за новите наставни програми	-Да се овозможи размена на искуства, мислења и практики меѓу наставниците во однос на примената на новите наставни програми. - Да се идентификуваат предизвиците и можностите кои произлегуваат од новите програми. - Да се унапреди разбирањето за очекуваните исходи од учењето, методите на оценување и пристапот во наставата согласно новите програми. - Да се поттикне заедничко планирање и приспособување на наставните стратегии според современите	Компјутер, лцд проектор, презентација	Преглед и дискусија за новите наставни програми и упатства од МОН, Ќе се споделат успешни примери на наставни практики и пристапи за индивидуализација на наставата.	Сите членови	Прво полугодие од учебната 2025/26

		барања. - Да се разменат конкретни примери на активности, сценарија и ресурси кои се покажале како успешни во практиката.				
3.	Методи и техники за справување со стрес	Наставниците да научат како да си помогнат во ситуации на напнатост и стрес, а вооедно да знаат и како да им помогнат на учениците да го намалат и совладаат сопствениот стрес	Компјутер, лцд проектор, презентација	-Наставниците ќе научат како да менаџираат со својот стрес и ќе умеат да им помогнат на учениците во совладување на нивниот стрес	Катерина Натева – Теова Елена Т.Максимовска	Август
4.	Информации и дискусија за новиот електронски дневник	Да се информираат наставниците за новите функции, ажурирања и начинот на користење на електронскиот	Компјутер, лцд проектор, презентација	- Наставниците ќе се стекнат со јасна слика за користењето на новите опции и функционалности во електронскиот дневник.	Сите членови во соработка со другите активи	Октомври

		дневник. - Да се укаже на важноста на точната, навремена и целосна евиденција во дневникот. - Да се разјаснат недоумици и прашања поврзани со користењето на електронскиот дневник во секојдневната работа.		- Ќе се зголеми точноста и навременоста на внесените податоци (оценки, изостаноци, напомени, активности). - Ќе се решат чести технички и практични проблеми преку заедничка дискусија и споделување искуства.		
5.	Унапредување на наставната практика преку заедничко планирање, размена на искуства и усогласување со националните стандарди	Да се поттикне континуирана размена на искуства меѓу наставниците, унапредување на процесот на планирање и оценување, преку користење на стручни извори, регионална	-Веб-платформи: obrazovanie.gov.mk , bro.gov.mk -Видео-обуки, вебинари , Презентации, материјали	- Подигнат квалитет на наставниот процес. -Зголемена професионална соработка и ангажираност. -Примена на релевантни и иновативни пристапи во наставата.	Сите членови во соработка со другите активи	**два пати во полугодие во учебната 2025/26 година**

		соработка и усогласување со националните стандарди за постигања.		-Поголема усогласеност на наставата со стандардите за постигања и развојот на клучните компетенции кај учениците.		
6.	Посета на **образовни, културни или други релевантни институции:**	Да се унапредат професионалните компетенции на наставниците преку директна соработка и увид во работата на релевантни институции од образовен, културен, научен или општествен карактер.	Информативни материјали и брошури за институцијата (печатени или електронски) - Планирани активности или прашалник за следење на посетата (водич за забелешки, прашања за дискусија) **Мобилни уреди или фотоапарати** за документирање на посетата (по потреба), **-**Превоз, музејски	- Наставниците ќе стекнат нови сознанија и идеи за интегрирање на ресурси и содржини од институциите во наставниот процес. - Ќе се поттикне интердисциплинарна настава преку поврзување на наставните содржини со реални институционални практики. - Ќе се зајакне соработката меѓу училиштето и локални или национални	Сите членови	Во текот на целата учебна 2025/26 година(септември/мај)

			поставки	институции (музеи, библиотеки, архиви, научни центри, културни установи). - Ќе се подготват наставни сценарија или активности инспирирани од институционалната посета (на пр. работилници, изложби, проекти).		
7.	Дисеминација од посетени обуки	Споделување на стекнати знаења и практики	- Материјали од обуките (презентации, прирачници, видеа, упатства) - Наставни сценарија или примери од пракса добиени на обуките - ИТ опрема (лаптоп, проектор, интернет – за презентација)	- Ќе се споделат нови методи, алатки, стратегии и содржини добиени преку обуки. - Ќе се зголеми информираноста на наставниците за современи образовни пристапи и трендови. - Ќе се поттикне имплементација на иновативни практики во наставата. - Ќе се унапреди	Сите членови на Активот	Во текот на целата учебна 2025/26 година(септември/мај)

			- Образовни платформи и алатки што се демонстрирани на обуките	квалитетот на наставниот процес преку професионална соработка.		
8.	Завршен состанок -извештај	Да се направи преглед, анализа и евалуација на реализираните активности во рамки на стручниот актив за тековната учебна година, да се истакнат постигнатите резултати, добиените сознанија и предлозите за идно унапредување.	**-Извештаи од реализирани обуки, активности, посети и дисеминации;** **-Предлози од членовите на активот за** идната учебна година.	- Ќе се идентификуваат добри практики, предизвици и области за подобрување. - Ќе се подготват предлози за теми и активности за следната учебна година. -Ќе се поттикне тимска рефлексија и професионален развој.	Сите членови на Активот	Јуни

***Во текот на учебната година тековно , доколку има семинари од МОН,БРО може да се одржат дополнителни активности,да се дополни со актуелни теми и настани и одредена тема да се замени со тема за која постои потреба и интерес.**

Изработил,
Лорета Станковиќ

3.5.3 Годишна програма за работа на стручниот акив на предметите од природно-математичка група за учебната 2025-2026 година

1. Состав на стручниот актив

Ред. број	Наставник	Предмет	Улога
1	Христијан Христовски	Математика	Претседател
2	Мартина Христова	Биологија и хемија	Заменик претседател
3	Дарко Ангелов	Природни науки	Записничар
4	Филип Ацевски	Информатика	Член
5	Тоше Столески	Географија	Член
6	Ангела Михајловска	Физичко и здравствено образование	Член
7	Љубинка Стоименова	Математика и физика	Член
8	Биљана Чадиновска	Физичко и здравствено образование	Член

2. Планирани активности на стручниот актив

Ред. број	Тема	Цели	Реализатори	Време на реализација
1.	Конституирање на раководството и изготвување стратегија и програма за работа на активот	Изготвување на програма за работа на активот, која ќе соодветствува на актуелните потреби на наставниците и приоритетите на училиштето, заради полесно вклопување во новите насоки во наставата	Христијан Христовски Љубинка Стоименова Дарко Ангелов Тоше Столески Мартина Христова Ангела Михајловска Филип Ацевски Биљана Чадиновска	Јули
2.	ЕСАРУЕД - Нов електронски дневник	Наставниците да се запознаат со изгледот и начинот на работа на новиот електронски	Тоше столески	Август

		дневник		
3.	Методи и техники за справување со стрес	Наставниците да научат како да си помогнат во ситуации на напнатост и стрес, а вооедно да знаат и како да им помогнат на учениците да го намалат и совладаат сопствениот стрес	Катерина Натева – Теова Елена Т.Максимовска	Август
4.	Градење критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања	Користење стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта	Сузана Танева - ментор	Октомври
5.	Што се подразбира под природнонаучна писменост во ПИСА (меѓународно екстерно тестирање на учениците)	Улогата на образованието за креативно размислување како поддршка на учениците во развитокот на личните способности да ги мобилизираат когнитивните процеси на нивното креативно размислување кога работат на задачи кои бараат генерирање, евалуација и подобрување на идеи	Биљана Чадиновска	Ноември
6.	Употреба на дигитални алатки за обработка на податоци и проценти во наставата (Excel, Desmos, GeoGebra)	- Да се оспособат наставниците за користење на дигитални алатки за анализа и визуелизација на податоци изразени преку проценти. - Да се развијат компетенции кај наставниците за интеграција на Excel, Desmos и GeoGebra во наставните содржини поврзани со проценти, статистика и податоци.	Дарко Ангелов	Декември

7.	Изработка на анкети и прашалници за потребите во наставата преку алатката Forms	Обучување на наставниот кадар за изработка на анкети и прашалници за потребите во наставата преку алатката Forms	Филип Ацевски	Јануари
8.	Microsoft едукација за наставниците во наставата	Усовршување на наставниот кадар за користење на Microsoft алатките	Мартина Христова	Февруари
9.	Едукација и активности за здрава храна	Согледување на подобрување на општо здравствена состојба и стекнување навики за здрава исхрана	Љубинка Стоименова	Март
10.	Работилница ‘‘Ученичко досие и спортски картон‘‘	Евидентирање и следење на психомоторниот и функционален развој на учениците од одделенска настава со помош на инструменти за евидентирање, следење и вреднување во наставата по физичко и здравствено образование	Ангела Михајловска	Април
11.	Тема „Опис и упатство за примена на антропо - моторички тестови и пресметување индекс на телесна маса‘‘	Следење и анализа на психомоторниот и функционален развој заради превенцијата од ризикот за појава на зголемена и прекумерна телесна маса, како и деформитети на рбетниот столб кај децата од училишна возраст	Христијан Христовски	Мај

Записничар,
Дарко Ангелов

Претседател,
Христијан Христовски

4.Програма за работа на инклузивниот тим

Работата на училишниот инклузивен тим се состои во **приспособување на наставната работа кон развојните, заеднички и индивидуални потреби за напредување на учениците**. Тоа подразбира примена на разновидни техники и стратегии во реализација на наставната работа, поттикнување и унапредување на креативноста, подобрување на личниот и социјален развој, во согласност со принципите на инклузивно образование.

Област на работа	Задачи	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани ефекти
1. Работа со ученици						
Идентификација на ученици со попреченост (ПОП)	- Увид во досиеја на ученици со ПОП запишани во прво одделение и други одделенија.	- Консултации со родители/старатели, наставници. - Соработка со стручно тело за проценка на функционалност. - Консултации со основни училишта со ресурсни центри.	Септември 2025	Училишен инклузивен тим (УИТ), Инклузивен тим за ученик (ИТУ)	Листи за следење, Документација за ученици, Мислења од стручни тела.	Евиденција на ученици со ПОП. Изградена стратегија за работа и поддршка според моделот на интервенции за поддршка.
Континуирана поддршка на учениците со ПОП	- Консултативни разговори на стручните соработници со одделенските и предметните наставници. - Советодавно-консултативна работа со стручните лица од стручно тело за функционална	- Индивидуални и групни средби со ученици. - Обезбедување диференцирана настава и индивидуализиран пристап. - Примена на адаптации и модификации на наставните содржини и	Континуирано во текот на учебната 2025/2026 година	Стручни соработници, Одделенски/предметни наставници, ИТУ, Родители/старатели, Ученици	Досие на ученици со ПОП, Индивидуален образовен план (ИОП), Прилагодени материјали.	Подобрување на постигањата на учениците. Активно партиципирање во одделението, училиштето и локалната заедница.

	проценка од ОУ со Ресурсен центар. - Советодавно-консултативна работа со учениците со ПОП.	материјали.				
Евиденција и ажурирање на податоци за учениците со ПОП	- Запознавање на УИТ со учениците на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка. - Разгледување на мислењата и наодите од стручните проценки на функционирање според МКФ од Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје и останати извештаи од специјалисти и субспецијалисти.	- Состаноци на УИТ. - Ажурирање на базата на податоци. - Размена на информации со релевантни институции.	Септември 2025 и по потреба	Стручни соработници, Одделенски/предметни наставници	Состаноци, Записници, Наоди и мислења, База на податоци.	Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченост. Изготвена и ажурирана база на податоци за ученици со ПОП.
Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП	- Разговори со ученици. - Советодавни разговори со родители. - Индивидуални средби.	- Работилници за развој на социјални и емоционални вештини. - Поддршка за интеграција во врснички групи.	Континуирано во текот на учебната 2025/2026 година	Стручни соработници, Одделенски/предметни наставници, Родители/старатели, Ученици	Социометриски тест, Работилници, Прирачници за социјално-емоционален развој.	Развивање самодоверба, самопочитување, комуникациски вештини. Постигнување на планираните цели

	- Примена на соодветни алатки за проценка.					во воспитно-образовниот процес на учениците со ПОП. Обезбедување чувство на припадност во заедницата (училиштето).
Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со ПОП	- Вежби за поттикнување на психомоторниот развој. - Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференциран пристап. - Спроведување на програми за индивидуална поддршка.	- Индивидуални и групни третмани. - Изработка и примена на прилагодени материјали.	Континуирано во текот на учебната 2025/2026 година	Специјален едукатор и рехабилитатор, Образовен асистент (доколку е доделен)	Прилагоден материјал за работа, Наставни листови, Нагледни средства, Аудио и видео материјали, Дидактички игри.	Реализација на поставените цели во Индивидуалниот образовен план. Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот.
Обезбедување ученичка поддршка за учениците со ПОП	- Работилници со членови на ученичка заедница за сензибилизација и градење емпатија.	- Поддршка од врсници (менторство, туторство). - Едукација на учениците за улогата на поддршка на врсниците.	Континуирано во текот на учебната 2025/2026 година	УИТ, Тим за ученичка заедница (наставници, педагог), Ученици	Консултативно-советодавни средби, Прирачници за врсничка поддршка.	Обезбедена помош и поддршка на учениците со ПОП во училиште и надвор од училиште. Развивање на инклузивна култура во училиштето.
Вклучување на учениците со	- Набљудување и анализирање на	- Адаптација на воннаставните	Континуирано	Инклузивен тим, Наставник	Разговор, Евидентен	Успешно извршени активности.

ПОП во воннаставни активности	интересот и желбата на ученикот за одредена секција/активност. - Вклучување на ученикот во одредена секција согласно неговите можности и потенцијали.	активности за да бидат достапни и инклузивни. - Поддршка од наставниците и врсниците при учество.		(раководител на секција)	лист за следење, Анкетни листови.	Зголемена социјализација и припадност.
Професионална ориентација на ученици со ПОП во IX одделение	- Советување и разговори со родители/старатели. - Разговор и советувања на ученици со ПОП.	- Индивидуални средби за идентификување на интереси и способности. - Презентации за можностите за средно образование и стручна обука. - Посета на средни училишта (доколку е можно).	Мај 2026	Стручни соработници	Разговор, Анкети, Тестови за професионална ориентација, Презентации.	Информирани ученици и родители за видот на професии/занимања. Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште).
2. Работа со наставници						
Креирање на инклузивни политики и споделување на инклузивни практики	- Изработување на годишна програма за работа на инклузивниот тим за учебна 2025/2026 год. - Редовни состаноци на УИТ за планирање и	- Разгледување на претходната годишна програма и годишниот извештај. - Споделување на позитивни искуства и добри практики.	Јули 2025 (програма), континуирано (состаноци)	Членови на УИТ, Членови на Инклузивен тим за секој ученик (ИТУ)	Состаноци, Записници, Извештаи.	Споделување на позитивни искуства. Изработена годишна програма преку која успешно ќе бидат имплементирани инклузивните политики.

	координација.					
Запознавање на предметните наставници со учениците со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава	- Разговор и размена на искуства со одделенски наставници. - Презентација на информации за учениците со ПОП пред предметните наставници.	- Организирање состаноци за транзиција. - Доставување релевантна документација (со согласност на родителите).	Септември 2025	Инклузивен тим, Одделенски наставници, Предметни наставници	Евидентен лист за следење, Досие на ученик, Усни извештаи.	Прифаќање на состојбите на учениците, запознавање со нивните способности и создавање на позитивна клима.
Инструктивна работа со наставници за карактеристикит е на учениците со ПОП и инклузивни стратегии	- Организирање работилници и обуки. - Дистрибуција на стручна литература и прирачници.	- Презентации за различните видови попреченост и нивните карактеристики. - Примери на добри практики за работа со ученици со ПОП. - Примена на диференцирана настава, индивидуализиран пристап и универзален дизајн за учење.	Континуирано	Инклузивен тим, Стручни соработници, Претставници од ОУРЦ „Иднина“ или други стручни организации.	Стручна литература, Прирачници, Едукативни материјали, Работилници, Обуки.	Стручно усовршување на наставниците. Развивање на компетенции за инклузивна настава.
Насоки за изработување на ИОП	- Консултативни средби со наставници. - Анализирање на состојбата на ученикот.	- Индивидуална поддршка за наставниците при изработка и реализација на ИОП. - Обезбедување шаблони и упатства	Септември 2025 и по потреба	Инклузивен тим, Стручни соработници, Родители/старатели	Прирачници за ИОП, Шаблони, Советодавни средби.	Правилно дефинирање на целите. Правилно изработен ИОП согласно можностите на ученикот.

		за ИОП.				
Подобрување на инклузивната практика	- Поддршка на наставниците да партиципираат преку соработка, интеракција и решавање на проблеми.	- Редовни консултации и менторство. - Организирање на отворени часови и дискусии за инклузивни практики.	Континуирано	Инклузивен тим, Стручни соработници, Родители/старатели (по потреба)	Прирачници, Обуки, Студии на случај.	Постигања на планираните цели во воспитно-образовниот процес. Унапредување на инклузивната клима во училиштето.
3. Работа со родители/старатели						
Проследување на родителите и учениците за проценка на психофизичките способности според МКФ	- Изготвување на мислење од стручни соработници за ученик. - Доставување на проценка од стручно тело за функционална проценка (МКФ).	- Информирање на родителите за процесот на проценка. - Помош при собирање на потребната документација.	Мај 2026 (за нови барања), по потреба и во текот на учебната година.	Инклузивен тим, Стручни соработници, Родители/старатели	Барање, Мислење од УИТ, МКФ проценка.	Навремено доставена документација и соодветни насоки за подобрување на состојбата на учениците.
Разговори и советувања со родители на деца со ПОП	- Планирани средби и разговори. - Индивидуални и групни советувања.	- Информирање на родителите за правата на децата со ПОП. - Размена на информации за напредокот и предизвиците. - Психолошка поддршка на родителите.	Континуирано	Стручни соработници, Наставник од одделение/предметен, Член од тимот	Разговор, Записник, Аналитички листови, Информативни брошури.	Родителите да ги прифатат реалните можности на детето и активно да се вклучат во воспитно-образовниот процес. Градење партнерски односи со семејствата.
Работа со родителите со цел градење на	- Работилници и едукативни сесии. - Разговори и	- Сензибилизација на родителите за потребите и	Континуирано	Инклузивен тим, Родители	Брошури, Прирачници, Анкети,	Менување на стереотипите. Создавање

позитивен став кон учениците со ПОП	размена на искуства.	можностите на учениците со ПОП. - Промовирање на инклузивни вредности.			Примери на добри практики.	позитивна клима за прифаќање на ученици со ПОП во училишната и поширокатa заедница.
4. Соработка со други институции						
Соработка со стручно тело за функционална проценка	- Консултации, разговори и размена на искуства.	- Редовни средби за координација и планирање. - Споделување на информации и извештаи.	Континуирано во текот на учебната 2025/2026 година	УИТ, Ученици, Родители/старатели	Мислења од стручен тим, Записници од средби.	Добивање на дополнителна стручна помош и поддршка. Насоки и препораки за подобрување на состојбите на учениците со ПОП.
Соработка со ОУРЦ „Иднина“ (или друг релевантен ресурсен центар)	- Редовни состаноци за координација. - Размена на искуства и добри практики.	- Заедничко планирање на активности за поддршка. - Обезбедување на обуки и стручна поддршка.	Континуирано во текот на учебната 2025/2026 година	Директори, Стручни соработници, Специјални едукатори и рехабилитатори, Образовни асистенти	Состаноци, Записници, Извештаи.	Добивање на дополнителна стручна помош и поддршка. Доделување на образовни асистенти на учениците на кои им е потребно. Подобрени училишни постигнувања на учениците со ПОП.
Соработка со локалната заедница (здравствени установи, невладини	- Учество во активности кои се однесуваат на ученици со ПОП.	- Консултативни состаноци со претставници на локалните институции. - Вклучување на	Континуирано	Специјални едукатори и рехабилитатори, Наставници, Стручни соработници	Консултативни состаноци, Проектни активности.	Подобрување на социјализацијата на учениците со ПОП. Градење на мрежа за поддршка.

организации, центри за социјална работа)		учениците во активности на заедницата.				
5. Аналитичко-истражувачка работа						
Следење на активностите и постигањата на учениците со ПОП	- Евиденција за успехот, редовност и однесување на учениците со ПОП.	- Систематско следење и документирање на напредокот. - Квартални извештаи за напредокот.	Квартално	УИТ	Евидентни листи за следење, Дневници, Портфолија.	Подобрување на постигањата на учениците со ПОП. Идентификување на области за подобрување.
Вршење ревизија на ИОП	- Анализирање на постигнатиот успех. - Редефинирање на предвидените цели доколку е потребно.	- Редовни состаноци на ИТУ за евалуација на ИОП. - Корекција на целите, содржините и методите на работа.	Декември 2025, Април 2026	Инклузивен тим, ИТУ, Стручни соработници, Родители	Прирачници, ИОП, Листи за евалуација, Записници.	Правилно дефинирани цели во ИОП. Напредување во развојот. Развивање на потенцијалите на учениците со ПОП.
6. Училишна структура, организација и клима						
Формирање на училиштен инклузивен тим	- Одлука за формирање на училиштен инклузивен тим.	- Избор и назначување на членови.	Јули/Август 2025 (доколку не е веќе формиран)	Директор, Стручни соработници	Состанок, Записник, Одлука.	Вклучување на сите субјекти кои ќе бидат вклучени за поттикнување, учење и помагање на учениците со ПОП.
Формирање на инклузивни тимови за секој ученик со ПОП	- Изготвување на тимови за секој ученик со ПОП во зависност од распределба на одделенија.	- Дефинирање на улогите и одговорностите на членовите на ИТУ.	Август 2025	Директор, Стручни соработници	Разговор, Записник.	Вклучени сите субјекти кои ќе бидат вклучени за поттикнување, учење и помагање на учениците со

						ПОП.
Изготвување на полугодишен и годишен извештај за работата на училишниот инклузивен тим	- Прибирање на записници од средби со наставници, родители, ученици. - Сумирање на постигнатите резултати и предизвици.	- Анализа на податоците од следењето и евалуацијата. - Изготвување на писмени извештаи.	Јануари 2026 (полугодишен) , Јуни 2026 (годишен)	Инклузивен тим, Стручни соработници, Наставници, Родители, Ученици	Извештаи од состаноци, Евиденција за работа со ученици, Аналитички податоци.	Успешно реализирање на предвидените активности за учебната 2025-2026 год. и подобрување на инклузивната практика.

Тим :Марија Костовска ,Елена Трипуновска Максимовска,Благица Секуловска,Љубинка Стоименова ,Влатко Пецевски,Наташа Солевска

5.Програма за работа на ангажираните образовни медијатори

Учесници	**Образовни медијатори**
	Учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем
Образовниот медијатор презема активности	-за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, -- - спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, - редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, -презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.
Време на реализација	Во текот на целата учебна година
Очекувани резултати	- развивање на свест кај ромското население во нашата земја во однос на важноста за образование; - подобрена информираност на ромското население за можностите и пристапот до воспитно-образовните институции;

	- сензибилизација на вработените во образованието со спецификите и потребите на ромското население во делот на образованието; - зголемен опфат на ученици Роми во основното образование; - подобрена редовност на учениците Роми во училиштата; - подобрени постигања на учениците Роми, особено во јазична и нумеричка писменост; - намален осипот/откажување од воспитно-образовниот систем на учениците Роми; - зголемена доверба и соработка помеѓу родителите и вработените во училиштето; - зајакната комуникација со институциите и граѓанските здруженија; - зајакната комуникација меѓу учениците Роми и припадниците на другите заедници; - зајакната самодоверба кај учениците; - намалени предрасуди, стереотипи и дискриминација; - зголемено учество на родителите во активности во училиштето и во локалната заедница ; - намалено насилство и конфликти во училиштата;
Следење на работата на образовниот медијатор	стручна служба

6.Програма за работа на ангажираните образовни тутори

Учесници во програмата за туторство	**Тутор/волонтер** – редовен студент кој ги исполнува критериумите за избор на тутор/волонтер пропишани во оваа програмата и доброволно подучува ученици од шесто, седмо, осмо и девето одделение од основното образование
	Ученици од основното образование запишани во шесто, седмо, осмо и деветто одделение
	Родители/старатели на ученици во основното образование.
Цел на програмата за туторство	**Студентите** да развијат вештини за подучување на ученици,
	Учениците истовремено имаат можност за бесплатно и интерактивно подучување согласно своите индивидуални потреби

Изборот за тутор волонтер	**Порталот/веб апликацијата за туторство** која содржи дата база на одбраните студенти – тутори од која родителите/старателите на учениците ќе имаат можност да изберат кандидати за подучување на своите деца, по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето.. Упатството за регистрација е објавено на самиот портал/веб апликација за обезбедување туторство
Права ,обврски,задолженија	**СТУДЕНТ – ТУТОР/ВОЛОНТЕР** - одбира предмет/предмети по кои сака да подучува запишани во шесто, седмо, осмо и девето одделение во основното образование ; - прифаќа или одбива кој ученик ќе го подучува ; - во договор со ученикот и неговиот родител/старател одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување; - подучува најмногу по четири предмети, односно подучува најмногу четири ученици по еден предмет; - оддржува најмалку еден училишен час седмично (за секој предмет за кој се согласил да подучува) во текот на периодот утврден со временската рамка за спроведување на активностите од оваа Програма; - да ги оддржува часовите во домот на ученикот под надзор на неговиот родител/родители, односно старател; професионално, совесно и чесно да ги оддржува часовите на ученикот/учениците за кои претходно се обврзал и - дава поддршка и го поттикнува ученикот на дијалог соодветен на неговата возраст.
	РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ НА УЧЕНИКОТ -одбира тутор/волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство на Министерството за образование и наука за предметот/предметите за кои неговото дете има потреба од дополнителни часови; во договор со туторот/волонтер одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување; обезбедува услови во својот дом за оддржување на часовите од страна на туторот/волонтер; врши надзор над ученикот и туторот во времето на спроведување на подучувањето од страна на туторот/волонтер и го потврдува бројот на одржани часови преку апликацијата за туторство или е-дневник

Временска рамка					
АКТИВНОСТ	1-30 октомври	31 октомври 9 ноември	10-17 ноември	18-25 ноември	26ноември 10 јуни
Аплицирање од страна на студентите					
Проверка на приложената документација од страна на комисијат					
Интервју на туторите од страна на комисијата					
Избор на тутор од страна на родителите					
Одржување на часови					

7.Програма за работа на училишниот хор и оркестар

Прилог: Програма за работа на училишниот хор и оркестар во учебната 2025/2026 година

Програма за работа на училишниот хор

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;
- да ги развива творечките способности, етичките и естетските вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност индивидуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот и менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект ;
- да учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко;
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов кон пеењето;
- да интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи

Образовен процес-структура на содржини

Задачи	Цели: Посебни цели:	Дидактички насоки		Инструменти	Начин на спроведување	Временска рамка на реализаци
Обработка на		Активности	Активности			

композиции		Ученикот:	Наставник:		(Ресурси)	ја
Аудиција	- одредување на музикалноста – квалитетот на гласот; - тонски распон на гласот;	- Пеење на мелодиско – ритмички мотиви во различни тоналитети - Интерпретација на песна по свој избор; - Интерпретација на задолжителна песна;	- организирање на аудиција и реаудиција на членовите на хорот; -распејување -заедничко пеење; -индивидуално пеење; - нотен запис на „Билјана платно белеше“ подобна поради дијапазонот децима.	Разговор, Евидентен лист за присутност; листа за проценка на музикалност.	Кабинет по музичко, Клавир - синтисајзер	септември /во текот на целата учебна година
Усвојување на основи на вокална техника, демонстрација и примена на вежби за распејување и дишење.	- примена на правилен пеачки став, правилно дишење и поставка на вокал; - развивање на вокалната техника; - примена на различно темпо, динамика; - презентација на креативна и естетска вокална интерпретација;	- пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал; - пее вежби за развивање на вокалната техника; - применува вежби за правилен пеачки став, - применува различно темпо и динамика; - презентира креативна и естетска вокална интерпретација; - прави избор на програма;	-објаснува за основните елементи на вокалната технока; -демонстрира вежби за распејување; -објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи; -објаснува за постоењето на внатрешниот слух; -дискутира за потребата за емоционално доживување што треба да допрат до свеста и душата на интерпретаторот и слушателот	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	септември октомври во текот на целата година
Обработка на: Химна на Република	-усвојува правила за изведба на свечена песна - химна	- усвојува ритмичко мелодиска целинба - применува правилна интерпретација со соодветно	-објаснува за поимот химна – свечена песна;	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко; нотен материјал;	октомври ноември

Македонија		темпо и динамика - го доживува карактерот на композициите и презентира правилна изведба;		листа на проценка.	синтисајзер	
Обработка на хорска композиција,, ,,Еленко моме мори”	-да го објасни текстот на песната -дискутира за карактерот на композицијата -демонстрира правилна вокална интерпретација	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата;	-објаснува за начинот на исполнување на композицијата; -дискутира за емоционално доживување	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	декември, јануари
Композиции за патронен празник	- да демонстрира правилна интерпретација - индивидуална и групна презентација	- да ја идентификува композицијата - да дискутира за карактерот на композицијата	- прави анализа на текст - објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	февруари март
Обработка на композиции за натпревар од ЗМП	-развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата; -стекнува искуство за јавна изведбена активност;	- демонстрира правилна вокална интерпретација; -одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	декември април
Композиции за тековни конкурси и	-развива колективен интелектуално-емоционален и	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација;	-објаснува за композицијата и животот и творештвото на композиторот;	Разговор, Демонстрација; евидентен лист	Кабинет по музичко; нотен	септември-јуни

натпревари	креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;	- применува соодветно темпо и динамика; - го доживува карактерот на композицијата;	- демонстрира правилна вокална интерпретација; -одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.	за присутност; листа на проценка	материјал; синтисајзер	
Композиции по слободен избор	- развива љубов кон пеењето; - интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; - го доживува карактерот на композицијата;	-објаснува за композицијата и животот и творештвото на композиторот; -дискутира за потребатата од негување и пеење народни песни - демонстрира правилна вокална интерпретација; -одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	мај јуни

ЗАБЕЛЕШКА: Во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработат композиции според потребите интересот, желбите и можностите на хорските пејачи.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ХОРСКАТА НАСТАВА

Часовите по ХОР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на комппозициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот хор може да членуваат ученици од VI, VII , VIII и IX одделение, согласно интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на хорските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот ХОР ќе се применуваат наставни форми и методи:

- истражувачка
- проблемска
- фронтална
- групна
- индивидуална
- разговор
- дискусии
- практична работа
- демонстративна и други.

Во работата ќе преовладува иницијативноста, самостојноста, креативноста и слободното изразување на чувствата преку вокална интерпретација.

Ќе се иницира соработка со културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација.

Просторни и материјално –технички услови

Наставата по хор ќе се реализира во наменски кабинет по музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи: Училишниот хор ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРСМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и хорските натпревари организирани од ЗМПРСМ во соработка со БРО.

Одговорен наставник: Елена Владева Апостолов

Програма за работа на училишниот оркестар

Целта на училишниот оркестар е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навики за редовност и точност;
- да се развиваат творечките способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на инструментални композиции;
- да развива способност за колективно инструментално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот/менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на инструментална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и кулурата;
- да развива љубов и способност за инструментална интерпретација и запознавање со културите на другите народи

Образовен процес-структура на содржини

Задачи	**Посебни цели:**	**Дидактички насоки**		**Инстру Менти**	**Начин на спроведу вање (Ресурси)**	**Времен ска рамка на реализац ија**
Композиции и технички содржини за обработка		**Активности** Ученикот:	**Активности** Наставник:			
Аудиција	- одредување на музикалноста - техника на свирење; - степен на обученост за свирење на инструменти	- демонстрира ритмички и мелодиски вежби. - Презентира ритмичка интерпретација; - демонстрира инструментална изведба по свој избор - да поседува елементарни знаења од музичката писменост	- организира аудиција на членови во училишниот оркестар -врши проверка на знаењата на учениците од областа на музичката писменост - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.	Разговор, Евидентен лист за присутност;листа за проценка на музикалност.	Кабинет по музичко, Клавир - синтисајзер	септември /во текот на целата учебна година

Видови, технички можности и начин на свирење на мандолини	- ги проширува теоретските знаења во областа на свирење на жичаните трзачки инструменти; - развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на жичаните трзачки инструменти;	- учи за поделбата на жичаните трзачки инструменти - препознава трзачки инструменти по навната звучност, - дискутира за секој инструмент од групата на жичаните трзачки инструменти - свири на мандолина-мандола-гитара или бас.	-Презентира жичаните трзачки инструменти; -објаснува за поделбата на жичаните трзачки инструменти; -демонстрира слики, аудио и видео снимки со примена на жичаните трзачки инструменти и др. вид на инструменти	Разговор, усна презентација; Евидентен лист за присутност;листа за проценка на музикалност.	-Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструменти	септември, во текот на целата учебна година
Видови, технички можности и начин на свирење на ДМИ	- усвојува нови знаења; - развива творечките способности, етичките и естетските вредности	-препознава видови на блок флејти; -усвојува техника на свирење на блок флејта; -демонстрира технички вежби; -демонстрира вежби за секој тон	- презентира видови на блок флејти - демонстрира и објаснува техники на свирење - презентира правилен начин на свирење и држење на инструм. - презентира мелодиски и ритмички вежби	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко, блок флејти,нотен материјал	октомври ноември
Химна на ЕУ „Ода на радоста“ – Л.В.Бетовен	- усвојува и презентира правила за изведба на свечена песна - химна - учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко	- интерпретира празнични композиции; - презентира правилна изведба - стекнува искуство за заедничко музицирање, - чувствува задоволство од изведбата на свечени песни;	- врши поделба во групи - демонстрира мелодиска и ритмичка делница; -реализира посебни и заеднички проби; -дава потребни сугестии и насоки за правилна и естетска изведба;	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	-Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструменти, нотен материјал	ноември декември
Канони и обработки на македонски народни песни	- се здобие со искуство за двогласно свирење - демонстрира правилна изведба на канонската мелодија	- усвојува поим канон; - свири канонска мелодија; - свири и следи втора мелодија -усвојува знаења за фоклорот, свири македонски народни песни	-објаснува поим канон и начинот на изведба -демонстрира канонска мелодија, демонстрира канонска изведба -објаснува за фолклорот,	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност; листа на	Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструменти, нотен	декември, јануари

			демонстрира народна песна	проценка.	материјал	
Композиции за патронен празник	- да демонстрира правилна интерпретација - индивидуална и групна презентација	- да ја идентификува композицијата - да дискутира за карактерот на композицијата	- прави анализа на текст - објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; -жичаните трзачки инструменти, ДМИ, нотен материјал	февруари март
Обработка на задолжителни композиции за натпревар од ЗМП	- развива способност индивидуална инструментална интерпретација; - почитува дадени упатства на диригентот и менторот; - ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката; - ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;	- презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба - стекне искуство за заедничко музицирање, - чувствува задоволство од својата интерпретација; - презентира изведба пред публика	- врши поделба во групи : 3 групи за мелодиски и една група за ритмичка придружба; - демонстрира мелодиска и ритмичка делница; -реализира посебни и заеднички проби; -дава потребни сугестии и насоки за правилна (темпо, динамика, карактер итн) и естетска изведба	Разговор, усна повратна информа ција; Евидентен лист за присутност;листа на проценка.	Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструменти, ДМИ, нотен материјал	декември - април
Композиции за тековни конкурси и натпревари	-развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;	- интерпретира популарни композиции; - презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба - стекне искуство за заедничко музицирање, - чувствува задоволство од	- интерпретира популарни композиции; -објаснува за композицијата и животот и творештвото на композиторот; - демонстрира правилна интерпретација;	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	септември-јуни

		својата интерпретација; - презентира изведба пред публика	-одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.			
Свирење на композиции по избор	- развива љубов кон свирењето;	- чувствува задоволство од својата интерпретаира по својо избор;	дава потребни сугестии и насоки за правилна (темпо, динамика, карактер итн) и естетска изведба	Евидентен лист за присутност; слики.	кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал	мај, јуни

Забелешка: во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции, во зависност од интересот и желбите на учениците и потребите на сите културно- уметнички манифестации.

Организација на оркестарската настава

Часовите по ОРКЕСТАР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на композициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот оркестар може да членуваат ученици од VI, VII VIII и IX одделение, согласно интересот и можностите на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на оркестарските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат следните наставни форми: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и др., а од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други методи. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на индивидуалните чувства преку инструментална презентација. Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструментална интерпретација

Просторни и материјално-технички услови за работа

Наставата по оркестар ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи:Училишниот оркестар ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРСМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и оркестарските натпревари организирани од ЗМПРСМ во соработка на БРО.

Одговорен наставник, Елена Владева -Апостолов

8.Годишна програма за работа на заедницата на паралелката, ученичкиот парламент и ученички правобранител

Годишна програма за работа на заедницата на паралелката, ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител за учебната 2025/2026 година

Оваа програма има за цел да го промовира активното учество на учениците во училишниот живот, да ги зајакне нивните права и одговорности, и да придонесе кон развојот на демократска училишна култура, во согласност со Законот за основно образование и релевантните правилници.

Р.Б.	Задачи	Активности	Форма	Ресурси	Очекувани резултати	Временска рамка	Одговорни
1.	**Изготвување годишна програма за ученичко организирање и учество, план за работа на Ученички парламент и ученик-правобранител.**	- Состанок на тимот за ученичка заедница и стручната служба. - Проучување на Закон за основно образование, Правилник за ученичка заедница, прирачници.	Работен состанок, консултации	Закон за основно образование, Правилник за ученичка заедница, прирачници, искуства од други училишта.	Изработена годишна програма за 2025/2026 година. - Конкретно испланирани активности за поуспешна реализација согласно новиот правилник за формата и содржината за изработка на годишна програма.	Август-Септември	Стручна служба, Координатор на Ученичка заедница
2.	**Организирање на заедница на паралелка.**	- Информирање на учениците за избор на тела во	Одделенски час, дискусија	Презентации, информативни материјали за ученичко организирање	Информираност на сите ученици. - Правилно разбирање на процесот на	Септември	Одделенски раководители на паралелки

		одделенската заедница на првиот одделенски час. - Разговор за улогата и значењето на заедницата на паралелката.		, Правилник за ученичка заедница.	организирање на заедница во паралелка.		
3.	**Избор на претседател, заменик претседател, постојани и повремени тела во одделенска заедница.**	- Спроведување на процедура за избор на претседател, заменик претседател, постојани и повремени тела (пополнет формулар за пријавување, листа со потписи за поддршка, мотивационо писмо). - Организирање на гласање.	Демократски избор со тајно/јавно гласање (според договор), презентација на кандидати.	Формулари за пријавување, гласачки ливчиња, гласачка кутија, правила за избор.	Транспарентно изведување на изборот и запазување на процедурата за избор. - Избрани легитимни претставници на заедницата на паралелката.	Последна недела од септември	Одделенски раководители, Координатор на Ученичка заедница
4.	**Функција и задолженија на претседател на одделенска заедница.**	- Едукација на избраните претседатели за нивните улоги и	Работилници, индивидуални и консултации, упатства.	Прирачници за лидерство, комуникациски вештини, примероци од	Подготвеност, активност и правилно извршување на задолженијата.	Континуирано, со иницијална обука во октомври	Координатор на Ученичка заедница, Стручна служба

		одговорности: - Претставување на учениците од одделенската заедница во Ученичкиот парламент и пред останатите структури во училиштето. - Информирање на учениците од одделенската заедница за работите за кои се одлучува во Ученичкиот парламент. - Грижа за мирно решавање на споровите во одделението. - Соработка со претседателите на другите одделенски заедници. - Активно учество во		планови за работа, етички кодекс.	- Ефикасно функционирање на заедниците на паралелките.		

		работата на Ученичкиот парламент. - Одржување редовни состаноци со учениците. - Изготвување план за работа во кој ќе бидат вклучени сите ученици.					
5.	**Формирање на Ученички парламент.**	- Избор на претседател на Ученички парламент (од редот на претседателите на одделенските заедници). - Изготвување на годишна програма за работа на Ученичкиот парламент. - Активно учество во процесот на планирање на развојот на	Изборен процес, состаноци, работилници, проектни активности.	Правилник за Ученички парламент, процедури за избор, едукативни материјали за активизам, успешни примери.	Правилно разбрана улога на Ученичкиот парламент. - Активно учество во застапување и промовирање на своите права и различни нивоа на одлучување за прашања кои ги засегаат.	Октомври (избор), Континуирано (активности)	Претседатели на одделенските заедници, Стручна служба

		училиштето. - Активно учество за промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците. - Промоција на ученички активизам преку едукативни работилници, дебати, хуманитарни, еколошки акции, културни и спортски манифестации и сл.					
6.	**План за работа на Ученичкиот парламент.**	- Изготвување презентација на искуства и модели за работа на Ученички парламент. - Прибирање на ученички иницијативи (состаноци, поставување на	Презентации, состаноци, работилници, дебати, кампањи, теренски активности.	Прирачници за човекови права, Конвенција за права на детето, видео материјали, стручна литература за дебатирање, правила за дебата,	Запознаени ученици со содржината и значењето на човековите права и Конвенцијата за права на детето, прилагодени кон соодветната возраст на учениците. - Запознавање	Октомври-Јуни (континуирано)	Тим за ученичка заедница, Претседатели на одделенски заедници, Стручни соработници

		кутија за предлози, онлајн анкети). - Презентација на училишните секции (спортски, културни, еколошки и сл.). - Работилница 1: „Познавање на основни човекови права“ (Конвенција за права на детето). - Дебата на одредена тема (по избор на учениците) следејќи ги правилата за водење дебата. - Дискусија на тема: „Знаењето е пат кон успехот“. - Работилница 2: „Справување со насилно однесување“.		примери на добри пракси. - Анкети, кутии за предлози, онлајн платформи. - Едукативни материјали за булинг, ментално здравје. - Ресурси за еколошки и хуманитарни акции (садови за собирање, рециклирање).	со училишните секции. - Успешно аргументирање на одредена теза. - Успешни активности, работилници и изработки во корелација со граѓанското образование. - Подобрување на успехот кај учениците. - Разбирање на односот физички и вербален конфликт и механизми за справување. - Препознавање на поимот, карактеристиките и последиците од булинг. - Аргументирана дискусија со правила на дебата. - Подобрување на ментално здравје на		

		- Дебата: „Постои ли булинг во моето училиште?“. - Дебата: „Грижа за моето ментално здравје“. - Одбележување на значајни настани (Денот на жената, Денот на љубовта, Денот на ретките болести и лицата со попреченост, Денот на менталното здравје). - Учество во еколошки и хуманитарни акции. - Истражување на училишната клима во однос на дискриминација.			учениците. - Чистење и разубавување на училишниот двор. - Утврдена конкретна состојба на училишната клима во однос на дискриминација.		

7.	**План за работа на ученик-правобранител.**	- Запознавање на Ученичкиот парламент со моделот - ученик-правобранител. - Промовирање на детските права (едукативни работилници, инфо-денови и сл.). - Промовирање и давање поддршка и заштита на учениците. - Изготвување на процедура за поднесување претставки, поплаки, пријави и сл. - Формирање на Комисија за евалуација на претставки и пријави (доколку е применливо и дозволено со	Презентации, работилници, инфо-пунктови, индивидуални разговори, редовни состаноци.	Прирачници за детски права, Конвенција за права на детето, обрасци за пријави, протокол за постапување со поплаки, контакти со стручна служба.	Запознаени ученици со содржината и значењето на човековите права и Конвенцијата за права на детето. - Подобрена состојба на имплементацијата за ученичкото учество и поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки. - Развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки. - Правилно насочување на работата на Ученикот правобранител и соодветно процесуирање на пријавите.	Ноември (обука), Континуирано (работа)	Ученик-правобранител, Стручна служба, Ученички парламент

		училишните акти). - Активно учество во работата на Ученичкиот парламент. - Редовно одржување состаноци со стручните соработници. - Доставување извештај за својата работа.					
8.	**Изготвување на годишен извештај за работата на Ученичката заедница/ Ученички парламент.**	- Прибирање и сумирање на записници од состаноци, извештаи од реализирани активности, иницијативи, работилници и сл. - Анализа на постигнатите резултати и предизвици.	Изработка на писмен извештај, презентација пред Училишниот одбор.	Записници, извештаи од активности, фото-документација, анкети за задоволство.	Успешно спроведени и реализирани активности од акциониот план/програма. - Јасен увид во постигнувањата на ученичката заедница.	Јуни	Ученички парламент, Координатор на Ученичка заедница
9.	**Ученичко партиципирање во воннаставни активности.**	- Спроведување на анкета за места/локации кои учениците	Анкетирање, фокус групи, дискусии.	Анкетни листови, онлајн прашалници, предлог листи	Предложените локации, доколку се соодветни и според Правилникот за		

		би сакале да ги посетат (екскурзии, посети). - Анкета за секции кои учениците би сакале да се застапени во училиштето.		за секции.	изведување на екскурзии и слободни ученички активности, да се вметнат при изработка на годишната програма за екскурзии за учебната 2025/2026 година. - Предложените секции да се вметнат како опција за следната учебна 2026/2027 година.		

9.Распоред на часови

Распоредот на часови дополнително ќе биде додаден со анекс на програмата.

10.Акциски планови за реализација на проектите во училиштето и акциски истражувања

р.б	име на проектот	цел	исходи	вклучени субјекти	временска рамка	средства
1.	**Крени глас против врсничкото насилство (Макпетрол)**	-да се подигне свеста кај учениците -да се намали врсничкото насилство	-ученици со поголема свест за другарство,меѓусебно почитување,толеранција,соработка	стручна служба	IX-V	училишни
2.	**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**	да се зголеми соработката со родителите	-поголема партиципација на родителите во училишниот живот	одделенски и предметни наставници родители ученици	IX-V	училишни
3.	**Меѓуетничка интеграција во образованието МИО-прокет**	продлабучување на компентециите на учениците за соживот	зголемена соработка со ученици од други националности, почитување и прифаќање на различностите	одделенски и предметни наставници ученици	IX-V	училишни
4.	**Проект за еколошка едукација на учениците**	зголемување на еколошката свест кај учениците	ученици со поголема свесност за еко активности и грижа за животната средина	Директор Стручна служба одделенски и предметни наставници,ученици	IX-V	училишни
5.	**Антикорупциска едукација на учениците**	да се запознаат со поимот корупција и штетното влијание од истата	Ученици со стекнати знаења за механизмите кои ја спречуваат корупцијата	Лорета Станковиќ	IV-V	училишни
6.	**Подмладок на Црвениот Крст**	Учениците да развијат чуство на хуманост ,солидарност,толеранција ,почитување Да изградат хумани вредности на сочуство и развивање на пријателство	Учениците развивија чуство хуманост ,солидарност,толеранција ,почитување. Дар развијат чуство на сочуство и пријателство.	Ангела Михајловска	VII-IX	училишни

11.Програми за воннаставни активности

11.1 Програма за училишен спорт и училишен спортски клуб

Нашето училиште е активен член на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба (ОСУСГБ), кој функционира во соработка со Федерација на училишни спортови. Во училиштето функциноира училишен спортски клуб, каде се прави селекција и подготовка на ученици кои ќе бидат вклучени во системот на спортски манифестации од типот лиги и турнирски натпревари на општинско, градско и државно ниво, подржани или организирани од Федерацијата за училишен спорт на Македонија. Училишниот спортски клуб одржува одбојкарски тренинзи за девојчиња, до двапати во текот на неделата со 15 девојчиња, кои се натпреваруваат на клупски натпревари и во општинската ученичка одбојкарска лига. Промовирањето на спортот во училиштата има за цел поздрав живот, а спортот во соработка со родителите, има моќ да ги воспитува младите. Училишниот спорт дополнително е битен, зашто низ системот натпревари се развива способноста за компетенција и се стекнуваат нови знаења од областа на спортот.

Конкретно, целта на училишниот спорт е, преку разновидни и систематски спортски активности, во тесна релација со воспитно образовните подрачја на предметот физичко и здравствено образование, да придонесе за интегрален (когнитивен, афективен и моторички) развој на личноста на учениците, стекнување, усовршување и примена на спортски умеења, навики и неопходни теоретски знаења, во секојдневни и специфични ситуации во животот.

Од вкупниот број на ученици во нашето училиште, повеќе од **120** ученици, или **40%** од кои **85%** ученици од предметна настава, во текот на учебната година, активно беа вклучени во системот спортски натпреварувања во повеќе од **10** спортови, за учениците од основно образование, организирани под покровителство на Федерацијата за училишен спорт, во следните спортски дисциплини:

Дисциплина	Пол	Број	Термин
Атлетска крос-трка	машки и девојчиња	12	Септември 2025
Велосипедска трка	машки и девојчиња	8	Октомври 2025
Футсал	девојчиња	12	Ноември 2025

Кошарка	девојчиња	10	Ноември 2025
Ракомет	девојчиња	12	Ноември 2025
Одбојка	девојчиња	12	10.2025 – 5.2026
Футсал	машки	12	10.2025 – 5.2026
Кошарка	машки	12	10.2025 – 5.2026
Биатлон	машки и девојчиња	4	Април 2026
Шах	машки и девојчиња	4	Април 2026
Детска атлетика	машки и девојчиња	8	Мај 2026
Атлетика	машки и девојчиња	8	Мај 2026
Полигонски натпревар	машки и девојчиња	8	Мај 2026
Кошарката моја игра	машки и девојчиња	10	Мај 2026
Тенис / пинг понг	машки и девојчиња	4	Мај 2026

***Училишен спортски клуб**

Согласно законските надлежности и со цел учениците што подолго да се задржат на училишните спортските терени, во ООУ "Григор Прличев" Скопје пред единаесет години е регистриран **Училишниот спортски клуб ГРИГОР ПРЛИЧЕВ Скопје 2014** со кој раководи предметниот наставник по Физичко и здравствено образование Христијан Христовски.
Покрај спортските активности со натпреварувачки карактер опфатени со програмата на Општинскиот сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба, предметните наставници Ангела Михајловска и Христијан Христовски реализираат и редовни тренинзи со дводневна динамика во текот на неделата, во термините вторник и четвртнок, по два часа ефективно вежбање.

Одговорни наставници: **Христијан Христовски** и **Ангела Михајловска**

11.2 План за реализација на училишни акции

Назив на акција	Глобални цели на акцијата	Одговорен наставник	Учесници	Потребни средства/ материјали/ потребни услови	Тим за следење
Уредување на дворното место кај продолжен престој	Формирање на работни навики кај учениците за одржување и грижа за училишниот двор	Николета Нестор, Благица Секуловска и Марија Живковска	Ученици и родители од трето одделение	Лопати, алат за раскопување цвеќиња, ѓубриво, ракавици	Николета Нестор и Благица Секуловска, Марија Живковска
Еко акција	Да се подобри искуството на учениците и да се вгради чувство на одговорност и посветеност во однос на еколошкото подобрување.	Еко-тим	Ученици Родители Наставници Стручна служба Директор Технички персонал	Градинарски алати и помагала Цвеќиња Млади дрвца	Еко-тим Стручна служба директор
Хуманитарна акција за донирање на литература за деца во училишната библиотека	Зголемување на фондот со книги во училишната библиотека	Елена Тасевска	Ученици, наставници, родители, стручна служба	книги	библиотекар
Акција за собирање отпадни плочки од метализирана пластика	Чистење на животната средина од отпадните батерии. Подигање на јавната свест првично кај децата за неопходноста од примарна селекција на отпадните батерии и нивно немешање со останатите видови отпад.	Славица Мојсоска Сузана Танева Елена Владева Апостолов и одделенски раководители	Ученици од петто Наставници Стручна служба	-едукативно – информативен материјал -цедеа	Славица Мојсоска Сузана Танева Стручна служба Наставници

	Да го поттикне создавањето на добри навики кај децата уште во раната возраст и да го намали количеството на отпадни батерии кои ќе завршат во животната средина.				
Акција за донирање на сезонско овошје/ зеленчук, нивно селектирање во пакувања и размена меѓу учениците или донирање по домовите на повозрасни граѓани	Создавање на навики за конзумирање на свеж зеленчук и овошје Поттикнување на емпатија и другарство за споделување на храна Поттикнување на емпатија и нудење на помош на повозрасната група на граѓани од населбата	Фросина Димитровска и одделенски раководители	Сите ученици од прво до деветто одделение	Овошје, зеленчук, пластични или хартиени кеси за нивно селектирање, размена или дистрибуција	Фросина Димитровска и стручна служба
Уредување на училницата и училишниот двор	Формирање работни навики на учениците	Одделенски наставници од прво до четврто одделение	Ученици од I-IV одделение	Ракавици,крпи,вреќи	Ученици и наставник
Еко акција-одбележување на меѓународен ден на Е-отпад	Развивање свест за рециклирање на електричен и електронски отпад	Еко тим	Сите ученици		
11 мај-ден на културата во сообраќајот(мај 2026 година)	Подигнување на сообраќајната култура и етика за безбедност во сообраќајот	Лореата Станковиќ Татјана Силјаноска-Гочкова	наставници, ученици, стручна служба	Рекламен материјал(налепници, флаери)	Директор на училиште, стручна служба,
Хуманитарна акција „Ден на гладта“	Поттикнување на солидарноста како и	Одделенски и предметни	наставници, ученици, стручна	Рекламен материјал налепници, флаери	

октомври	подигнување на јавната и општествената свест за донирање на храна на оние семејства на кои им е најпотребна а кои, немаат доволно средства да обезбедат редовни дневни оброци.	наставници Стручна служба	служба родители		
Акција „Светски ден без автомобили“ Септември 2025	Да се подигне свесност за зачувување на чиста, здрава и зелена животна средина, како и применување еколошки транспортни решенија (јавен транспорт, пешачење и велосипедизам). Одбележувањето на овој ден треба да ги поттикне граѓаните да замислат еден поинаков град кој ќе биде во функција на луѓето, а не на автомобилите.	Сите наставници	наставници, ученици, стручна служба	Изработка на паноа и катчиња Поделба на флаери/рекламен материјал на локалното население пригодни спортско-рекреативни активности, литературни – едукативни текстови, гатанки и ликовни творби	Одговорен наставник Стручна служба
Акција за собирање на облека „Да ја покажеме хуманоста на дело“	Подигање на свеста на учениците за помагање и давање социјална помош Промоција на хумани вредности	Валентина Славковска Ленка Пешевска	наставници, ученици, стручна служба	Соодветни кутии/садови за собирање облека -донирање на облеката	Одговорен наставник Стручна служба
Тортијада	Да се продлабочи соработката наставник-ученик-родител Да се промовира креативноста,	Одделенски и предметни наставници, Стручна служба Директор	Одделенски и предметни наставници, Ученици, Родители	Училишна спортска сала, Маси, Озвучување и разглас, пофалници и други соодветни документи за	Одговорен наставник Стручна служба

	традиционални и современи, домашни и странски јадења Да се мотивираат зсегнатите страни и локалната заедница за организирање и учество во акции за собирање средства со цел нивна хуманитарна намена или за потребите на училиштето.		Жители на локална заедница Стручна служба Директор	посебен придонес во акцијата	
Новогодишен базар	Да се продлабочи соработката наставник-ученик-родител Да се промовира креативноста, традиционални и современи домашни јадења Да се мотивираат засегнатите страни и локалната заедница за организирање и учество во акции за собирање средства со цел нивна хуманитарна намена или за потребите на училиштето.	Одделенски и предметни наставници,Стручна служба Директор	Одделенски и предметни наставници, Ученици, Родители Жители на локална заедница Стручна служба Директор	Училишен хол/ аула, Маси, Озвучување и разглас,	Одговорен наставник Стручна служба
Новогодишна хуманитарна акција – од другарче за другарче	Промовирање хуманост	Одделенски и предметни наставници	Сите ученици	Кутии, украсни кеси	Стручна служба директор
Еко акција- собирање капачиња	-истакнување на можности за повторна упореба на пластика	Одделенски и предметни наставници	Сите ученици Родители наставници		Стручна служба директор

Еко акција по повод 5 јуни Светскиот ден на животната средина	Да се развие одговорноста кон животната средина, да се подигне еколошката свест, да се почитува и негува природата	Христијан Христовски	Ученици од IV до IX одделение	Земјоделски алатки и опрема	Одговорен наставник, стручна служба и директор
Ден без технологии - 6.3.2026	- Подигање на свеста за прекумерна употреба на технологија - Подобрување на менталното здравје - Поттикнување на вистинска социјализација - Промовирање на здрава рамнотежа помеѓу онлајн и офлајн живот - Едукација за дигитална одговорност	Дарко Ангелов	Сите ученици, наставници и вработени во училиштето	/	Дежурни ученици и наставници

11.3 Училишни секции

11.3.1 Одделенска настава

Назив на секцијата	Тема/подрачје опфатени со секцијата	Одговорен наставник	Учесници	Цели на секцијата	Временска рамка/ број на часови посветени на секцијата	Средства, материјали/ресурси	Следење на учество на учениците
	2.	Физичко и здр. обр.	Содржини (и поими): Одбојка Стандарди за оценување: - Изведува техника на школски сервис од помало и поголемо растојание на ниско поставена мрежа Активност: Редење и подредување во редица и колона, комплекс вежби за обликување и развој на телото. Учениците изведуваат школски сервис на помало и поголемо растојание (во парови и колони преку ниско поставена мрежа).
	3.	Математика	Содржини (и поими): Должина, маса и зафатнина (именувани броеви – едноимени и повеќеимени, тон, декаграм) Стандарди за оценување: Го користи заокружувањето на мерењето (должина, маса, зафатнина) до најблиската цела мерна единица за проценка. Активности: Повторување за заокружување на броеви преку повеќе конкретни примери. Мерење на должини на предмети во училницата, запишување на

			точните резултати од мерењата, а до нив заокружените резултати. Воочување кога и зошто е потребно заокружување, а кога не недозволливо. Следи мерење на предмети на вага, запишување на масата и заокружување, дискусија за потребата од заокружување Потоа се мери зафатнина натечност со мерица, се запишуваат точните и заокружените резултати, дискусија за потребата од заокружување и когаа не смее да се заокружува.
	4.	Ликовно образование	Содржини (и поими): Ликовни елементи и принципи во цртањето и естетска проценка на цртежи (мотив, комбинации на точки, линии и плоштини, целина и детаљ, богатство на линии, ритам на цртежи, композиција, уметнички цртеж, естетска проценка) Стандарди за оценување: Создава композиција со детали. Применува мотив, богатство на линии, ритам и текстура како ликовни елементи во цртањето. Активност: Разговор што е мотив и искажување на учениците со примери со кои ќе претстават мотиви од Охрид преку цртање со молив Индивидуална работа на учениците. Се изложуваат ученичките творби и се анализираат во однос на естетските принципи, педантноста и прецизноста во работата
Четврти ден	1.	Математика	Содржини (и поими): Должина, маса и зафатнина (именувани броеви – едноимени и повеќеимени, тон, декаграм) Стандарди за оценување: Решава реални проблемски ситуации со користење мерни единици (должина, маса, зафатнина). Активности: Учениците, поделени во парови, подредуваат должини изразени во различни единици, почнувајќи од најкратката, на пример: 35,7 m; 353 cm; 1 049 метри; 11 495 центиметри; 1 864 милиметри; 1 009 метри; 11 km. Како знаете дека оваа должина е подолга од другата? Можете ли да претставите должина која спаѓа помеѓу овие две должини... во mm, cm, m, km? Учениците решаваат текстуални задача со повеќе одговори, во контекст на должина, маса или зафатнина. На пример: Јаболкото тежи 56 g, кајсијата тежи 78 g, портокалот тежи 123 g и бананата тежи 92 g. Јас имам торба која може да собере максимум 1 kg. Кои и по колку од нив може да ги ставам во торбата? Истражете повеќе можности! Анализа на решенијата
	2.	Физичко и здр. обр.	Содржини (и поими): Одбојка Стандарди за оценување: Применува елементи во игра (мини одбојка) на ниско

			поставена мрежа со примена на елементарни правила Активности: Редење и подредување во редица и колона, комплекс вежби за обликување и развој на телото. Учениците играат мини одбојка со примена на научени елементи и елементарни одбојкарски правила 4:4 (натпреварување).
	3.	Општество	Содржини (и поими): Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (Кокино, Стоби, Хераклеја, Самилова тврдина) Стандарди за оценување: -Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава. -Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (на географска карта и на временска лента). Активности: Наставникот користи визуелни презентации и преку непосредното набљудување за следните археолошки наоѓалишта во нашата држава: Кокино (http://tours.rcku.org.mk/eu/Kokino/),Стоби (https://macedoniafromabove.mk/stobi/),Хераклеја (https://bitola.info/heraclea-lyncestis-bitola/), Самилова тврдина (http://macedoniafromabove.mk/ohrid/index.htm). Секое одделно наоѓалиште учениците прво го гледаат преку виртуелна тура. Потоа, поделени во групи, опишуваат што виделе при непосредното набљудување, што било исто, а што дополнително виделе во виртуелните презентации и обратно, и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента.
	4.	Македонски јазик	Содржини (и поими): Читање и интерпретација на песни за деца (мотив, хумористични песни, пејзажни песни, патриотски песни, стих, строфа, рима, поетска слика) Стандарди за оценување:-Изразно чита и рецитира песни за деца. -Ги идентификува поетските слики и ги поткрепува со стихови од песната. Активности: Наставникот изразно ја чита песната „Полско училиште“. Учениците читаат по строфи. После секоја прочитана строфа по еден ученик ја опишува поетската слика. Вежби за во изразно читање и бирање на најдобар рецитатор. Следува ликовно изразување на омилена поетска слика од песната.

Забелешка: Планираните содржини може да претрпат промени согласно годишната програма.

4. РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ

а) Раководител на екскурзијата: Сузана Танева

б) Одговорни наставници: Сузана Танева и Славица Мојсоска

в) Носители на активности: учениците од V-а одд. и V-б одд со одделенски наставници.

5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ: 3 дена .

6. ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:

Локалитети и објекти: Скопје, Велес, Стоби, Прилеп, Битола, Хераклеа, Охрид: Лихнидос, Стар град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина, реката Радика, Кичево, Гостивар, Тетово, Скопје

Велес

Стоби

Тетово

Прилеп

Битола

Охрид

Правец на патување: Скопје-Охрид-Скопје

7. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водачи, лекар.

8. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:

Одделенските раководители писмено ги известуваат родителите за финансискиот износ на наставата во природа. Самофинансирањето од страна на родителите се одвива преку уплаќање на жиро сметка.

9. НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:

Во текот на патувањето, престојот и посетите на сите предвидени места континуирано ќе се следи и насочувт однесувањето и активностите на учениците преку различни форми и методи (набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и други материјали, прибирање податоци и материјали за анализа и проучување на флората и фауната во Охридско Езеро, индивидуално и групно изложување на подготвени трудови, разговори со стручни лица и жители од околината на Охрид) со цел да се добијат позитивни повратни информации.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ:

Учениците треба да бидат сместени во хотел со минимум 3 ѕвезди, во градот, на крајбрежјето на Охридското Езеро**.** Хотелот треба да ги поседува потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Хотелот да понуди доволен број на соби (трикреветни и четирикреветни) за да се сместат учениците, да содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена како и соодветни училници за изведување на настава.

Хигиената во кујната и другите простории во хотелот треба да се одржуваат на високо ниво, а уредената на трпезарија и другите пропратни простории треба да придонесат за пријатен престој на учениците. Хотелот треба да располага со спортски објекти и терени во непосредна околина кои ќе придонесат за непречено реализирање на спортко-рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и друго.

Менито да соодветствува на Правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште

Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така треба да се реализира во објектот кој треба да понуди услови и простор за тоа.

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во претпладневните часови.

ЗАБЕЛЕШКА: Содржините од наставните предмети кои ги реализираат наставниците по Англиски јазик, Природни науки и Техничко образование и информатика (според распоредот на паралелката) тековно ќе бидат реализирани во учебната година.

КУЌЕН РЕД

- Будење на учениците во 7 часот.
- Утринска гимнастика и раздвижување. Проверка на хигиена на собите.
- Организиран појадок до 8.00-9.00 часот.
- Почеток на првиот час во 9 часот и завршување во 12 часот.
- Ручек од 13часот до 14 часот
- Прошетки и посети
- Попладневен одмор и ужина 16.00-16.30часот
- Слободни активности од 16.30 до 17.15 часот
- Организирање спортски натпревари од 17.30ч до 19.00 часот
- Вечера од 19.00ч до 20.00 часот
- Забава и други активности
- Ноќевање 22 часот.

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ

Учебна 2025/2026 год

Вид на туризам; домашен
Вид на екскурзија:научно - наставна
Времетраење :2 дена
Време на реализација: септември-октомври/ април-мај-јуни
Опфатеност на ученици:VIa одделение, VIб одделение

1. **Воспитно-образовни цели:**

а) Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори.

б) запознавање и стекнување знаења за Саат Кулата во Дојран, Саат Кулите и мостовите во Кратово, локалитетот Кокино (Мегалитска Обсерваторија), Колешинскиот и Смоларскиот водопат.

в) запознавање со местоположбата, историјатот на градот Струмица и Дојран, историското и културното значење на манастирот ,,Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса и манастирот ,,Св.Леонтиј“- Водоча

г) потсетување на знаењата преку разгледување на Колешинските и Смоларските водопади, Дојранското Езеро, рибарските куќи ,Саат Кулата, реката Вардар, Црна Река, Демиркаписката клисура.

д) запознавање со природните околини

ѓ) развивање на патриотизмот кај учениците

е) развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;

ж) развивање на другарство и социјализација на учениците

з) рекреација во природа и стекнување еколошки навики

ѕ) да развиваат позитивен однос кон животната средина, да се развие чувството за одговорност

2. Задачи:

а) Стекнување знаења при посета и разгледување на Колешинските и Смоларските водопади , манастирот ,,Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса и манастирот ,,Св.Леонтиј“ - Водоча. Разгледување на околината и реките Вардар, Црна Река, Дојранско Езеро, рибарските куќи,Саат Кулата, Демиркаписката Клисура, локалитетот Кокино и градот Кратово.

Б) Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на посетените места, поблиското и подалечното минато и нивното историско и културно значење.

в) развивање позитивен однос кон животната средина,

г) развивање чувство за одговорност, свесна дисциплина,

д) поттикнување и развивање другарство , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

3.Содржина на активности:

Начин на вреднување и користење на резултатите:
рекреација, спортување, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

а) **Прв ден** – Поаѓање на групата од пред училиште во 08.00 часот. Се патува преку Куманово, Младо Нагоричане, Кокино, Кратово, Штип, Струмица. Се застанува на локалитетот Кокино. Пристигнување во градот Кратово и негово разгледување. Посетување на манастирот ,,Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса и манастирот ,,Св.Леонтиј“ - Водоча. Разгледување на градот Струмица и пристигнување во вечерните часови во хотел во Струмица. Вечера и организирана забава. Ноќевање.

б) **Втор ден** – Појадок. Посетување на манастирот Смоларскиот и Колешиснкиот водопад. Ручек. Тргнување за Дојран. Разгледување на Дојран и Дојранското Езеро, рибарските куќи и Саат Кулата. Поаѓање за Скопје преку Валандово и Удово со разгледување на Демиркаписката клисура и се продолжува кон Скопје. Преку Велес се пристигнува во Скопје во вечерните часови.

4.Раководител, наставници, ученици, времетраење.

а) Раководител на екскурзијата: Тоше Столески

б) Одговорни наставници: Тоше Столески и Елена Владева Апостолов

в) Носители на активности: учениците од VIa и класниот раководител Тоше Столески, учениците од VIб и класниот раководител Елена Владева Апостолов .

5. Времетраење: два дена-едно ноќевање.

6. Локации за посета и правци на патување:

а) локации: Источен дел од Република Македонија: Мегалитска Опсерваторија Кокино, градот Кратово, манастирот ,,Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса и манастирот ,,Св.Леонтиј“ – Водоча, Струмица, Смоларски водопади, Колешинските водопади, Дојранско Езеро, Саат Кулата во Дојран.

б) правци на патување:Скопје, Куманово, Младо Нагоричане, Кратово, Струмица, Дојран,Валандово, Демир Капија, Велес, Скопје.
в) услови за сместување: Учениците ќе бидат сместени во хотел со најмалку три ѕвездички.

7.Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, хотелско сместување, туристички водич, лекар.

8. Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите,

Колешински водопади Дојранското Езеро Саат кула Дојран

Кратово



Мегалитска Обсерваторија Кокино

ТРОДНЕВНА НАСТАВНО НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА IX ОДДЕЛЕНИЕ
УЧЕБНА 2025/2026

Вид на туризам: домашен

Вид на екскурзија: научно-наставна

Времетраење: 3 дена

Време на реализација: април/мај/јуни

Опфатеност на ученици: IXа и IXб одделение

1. Воспитно-образовни цели:

а) Стекннување знаења за релјефот и археолошкиот комплекс на локалитетот Маркови Кули (утврден град со акропола со повеќе градби од станбен и стопански карактер)

б) Запознавање со местоположбата, модерната македонска архитектура во Крушево (спомен куќата на Тодор Проески), старата македонска архитектура и природните убавини во Крушево, градот Охрид и с. Вевчани

в) Проширување на знаењата за истакнати македонски историски личности од Илинденскиот период

г) Проширување на знаењата за настанувањето на манастирот Св. Наум и дејноста на Св. Наум Охридски

д) Запознавање со содржините на спомен куќите (поставки за животот и делото на Тодор Проески)

ѓ) Запознавање со активностите кои се одржувале во античките театри

е) Стекнување сознанија за археолошките откритија на локалилетот Стоби и Плаошник (базилики, мозаици, старата црква на Св. Кликмент, Светиклиментовиот универзитет) и проширување на знаењата за животот и дејноста на Св. Климент Охридски

ж) Запознавање со местоположбата и проширување на знаењата за историјатот и важнсота на Самоиловите тврдини

з) Стекнување знаења за манастирот Св. Јован Бигорски и стариот македонски занает копаничарство

ѕ) потсетување на знаењата преку разгледување на реките Вардар, Радика и изворите во Вевчани

и) стекнување знаења за околните планини Јабланица и Галичица

ј) запознавање со природните околини

к) развивање на патриотизам кај учениците

л) развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности

љ) развивање на другарство и социјализација на учениците

м) рекреација во природа и срекнување еколошки навики.

1. **Задачи:**

а) Посета и разгледување на локалитетот Маркови Кули, посета и разгледување на локалитетот Плаошник, Самоилови тврдини и Антички театар. Посета и разгледување на старата и модерна македонска архитектура во градот Охрид, Охридската чаршија и старото јадро на Охрид, градот Крушево и село Вевчани. Посета на спомен куќата на Тодор Проески и споменикот Македониум. Посета и разгледување на манастирот Св. Наум Охридски, Св. Климент и Пантелејмон, Св. Јован Бигорски и разгледување на иконостасот во манаститорот. Разгледување на околината и изворите во с. Вевчани и Охридското Езеро.

б) Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат врз неа, со природните убавини на посетените места, поблиското и подалечното минато и нивното историско значење.

в) Развивање позитивен однос кон животната средина

г) Развивање чувство за одговорност, свесна дисциплина.

д) Поттикнување и разивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

2. **Содржина на активности:**

Начин на вреднување и користење на резултатите:

Рекреација, спортување, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање. На сите одредишта ќе се следи работата, однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

а) Прв ден: Поаѓање од пред училиште во 08:00 часот. Се патува преку Велес и се застанува на локалитетот Стоби, се продолжува за Прилеп и се посетува локалитетот Маркови Кули. Се продолжува за Крушево. Разгледување на градот Крушево, спомен куќата на Тодор Проески, споменичкиот комплекс „Илинден“ (Македониум). Пристигнување во Охрид во вечерните часови. Сместување и вечера во хотел во Охрид.

б) Втор ден: Појадок. Посета на манастирот Св. Наум Охридски. Ручек. Разгледување на Стар град, Антички театар, комплексот Плаошник, Самоилова тврдина. Вечера.

в) Трет ден: Појадок. Поаѓање (ручек во ланч пакет) и попатно посетување на с.Вевчани и изворите во Вевчани. Се патува преку Струга-Дебар. Посета на **Бигорски манастир Св.Јован Бигорски. Се патува преку Маврово-Гостивар-Тетово-и враќање во Скопје во попладневните часови.**

4. Раководител, наставници, ученици, времетраење.

а) Раководител на екскурзијата: Елена Тасевска

б) Одговорни наставници: Елена Тасевска и Љубинка Стоименова

в) Носители на активности: учениците од IX-а и IX-б одделение и раководителите на паралелките Елена Тасевска и Љубинка Стоименова.

5. Времетраење: 3 дена-две ноќевања

6.Локации за посета и правци на патување:

а) локации: западен дел од РСМ - Стоби, Прилеп (Маркови кули) Крушево (спомен куќа на Тодор Проески, споменички комплекс ,,Илинден" („Македониум“), Охрид- Манастир „Св. Наум Охридски“, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црква „Св. Софија“ – Охрид, Охридската чаршија, Вевчани: Вевчански извори, Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“.

б) правци на патување: Скопје-Велес-Прилеп-Крушево-Охрид-Струга-Вевчани-Дебар-Маврово-Гостивар-Тетово-Скопје

в) услови за сместување:учениците ќе бидат сместени во хотел со најмалку три ѕвездички

7. Техничка организација: висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водичи, лекар**.**

8. Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите

15.Програма за реализација на ученичките натпревари

Предмет /Натпреварувачко подрачје	Одговорен наставник	Опфатени одделенија	Училишен натпревар	Општински натпревар	Регионален натпревар	Државен натпревар	Меѓународен натпревар
Биологија	Љубинка Стоименова	VII, VIII, IX	01/2026	02-03/2026	04-05/2026	05-06/2026	/
Хемија	Љубинка Стоименова	VII ,VIII, IX	01/2026	02-03/2026	04-05/2026	05-06/2026	/
Природни науки	Љубинка Стоименова	V	01/2026	02-03/2026	04-05/2026	05-06/2026	
Природни науки	Даниела Денковска	VI	01/2026	02-03/2026	04-05/2026	05-06/2026	
Хор	Елена Владева Апостолов	VI ,VII, VIII, IX	/	04/2026	04/2026	05/2026	/
Оркестар	Елена Владева Апостолов	VI ,VII, VIII, IX	/	04/2026	04/2026	05/2026	/
Вокална интерпретација	Елена Владева Апостолов	VI ,VII, VIII, IX	/	04/2026	04/2026	05/2026	/
Математика	Дарко Ангелов	Паралелки VI-а VI-б VIII-б IX-а IX-б	/	02/2026	03/2026	05/2026	/
Георгафија	Тоше Столески	VII, VIII, IX	/	03/2026	04/2026	05/2026	/
Англиски јазик	Фросина Димитровска	V, VI ,VII, VIII, IX	01/2026	02/2026	04/2026	05/2026	/
Англиски јазик	Хилда Стефковска						/
Германски јазик	Тереза Блажевска	VI ,VII, VIII, IX	/	/	03/2026	04/2026	/

Математика	Мартина Христова	VI ,VII, VIII, IX	/	01-02/2026	03-04/2026	05/2026	/
Физика	Мартина Христова	VIII, IX	/	01-02/2026	03-04/2026	05/2026	/
Македонски јазик	Елена Тасевска	8	Интерни литературни конкурси	Конкурси организирани од локалната управа	/	конкурси за натпревари од МОН и БРО	/
Природни науки	Предметен наставник ПН	Va	01/2026	2/2026	4/2026	5/2026	/
Природни науки	Предметен наставник ПН	Vb	01/2026	2/2026	4/2026	5/2026	/
Математика	Славица Мојсоска	Va	01/2026	2/2026	3/2026	5/2026	/
Математика	Сузана Танева	Vb	01/2026	2/2026	3/2026	5/2026	
Физичко и здравствено образование / училишен спорт	Христијан Христовски	VI ,VII, VIII, IX	9/2025-5/2026	9/2025-5/2026	4/2026	5/2026	/

16.Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Годишно планирање за меѓуетничка интеграција во образованието
Тим за МИО: Александра Петковска Анастасов, Дарко Ангелов, Тоше Столески, Валентина Славковска,
Катерина Натева Теова, ученик правобранител, претседател на ученички парламент

Подрачје	***Активност***	***Краток опис на активноста***	***Реализатори (по возрасни групи)***	***Термин***
Соработка на наставниците на професионален план	Состаноци настручните активи	Обработка на теми и активности од заеднички интерес за наставниците од двете училишта	Наставниците од Стручните активи и стручните соработници	IX-VI
Заеднички активности на учениците	-Вонанставни активности	Музички песни и танци и спортски натпревари	-Ученици од I-IX одд. -Наставници од предметна и одделенска настава	IX-VI
	-Вонанставни активности	Еко акција во Парк Шума Гази Баба	-Ученици од I-IX одд. -Наставници од предметна и одделенска настава	
	-Вонанаставни активности	Одблежување на верски празници	-Ученици од I-IX одд. -Наставници од предметна и одделенска настава	
Проекти со локалната заедница	Заеднички активности сопартнер училиштето илокалната заедница	Одбележување на патронати на училиштата	-Ученици од I-IX одд. -Наставници од предметна и одделенска настава	III и V
Застапеност на мултикултурна иконографија	Поставување на паноа и уредување на училишниот простор	Истакнување и воочување на мултиетничкиот карактер на РМ на паноата; (Изработка на паноа во училиштата)	Наставници од предметна и одделенска настава	Континуирано

Соработка со родителите	Соработка со родителите во заедничките активности соучениците	Вклучување на родителите во подготовка на заедничките приредби, работилници, презентации и поделба на благодарници за учество и соработка	Совет на родители	Според акционите планов и
Промоција на реализираните активности	Приредби, презентации, подготвување на информативнии промотивни материјали	Зависно од предвиденото со акционите планови,секоја реализирана активност ќе завршува со промоција на истата. На промоциите ќе присуствуваат ученици, наставници и родители од двете училишта, како и претставници од локалната заедница	Наставници, ученици и родители	На крајот на секоја активност

17.Проекти што се реализираат во основното училиште

р.б	име на проектот	цел	вклучени субјекти	временска рамка
1.	**Крени глас против врсничкото насилство (Макпетрол)**	-да се подигне свеста кај учениците -да се намали врсничкото насилство	стручна служба	IX-V
2.	**Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**	да се зголеми соработката со родителите	одделенски и предметни наставници родители ученици	IX-V
3.	**Меѓуетничка интеграција во образованието МИО-прокет**	продлабучување на компентециите на учениците за соживот	одделенски и предметни наставници ученици	IX-V
4.	**Проект за еколошка едукација на учениците**	зголемување на еколошката свест кај учениците	Директор Стручна служба одделенски и предметни наставници ученици	IX-V
5.	**Антикорупциска едукација на учениците**	да се запознаат со поимот корупција и штетното влијание од истата	Лорета Станковиќ	IV-V

6.	**Подмладок на Црвениот Крст**	Учениците да развијат чуство на хуманост ,солидарност,толеранција ,почитување Да изградат хумани вредности на сочуство и развивање на пријателство	Ангела Михајловска	VII-IX

18.План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

Активности	**Цели**	**Временска рамка**	**Реализатор**
Работилница ,,Техники за успешно учење“	Учениците да научат како полесно да учат, да формираат навики за време и простор,да прават план за учење,успешно да го менаџираат слободното време	октомври	педагог психолог
Работилници за унапредување на менталното здравје	Да се унапреди менталното здравје на учениците, да стекнат навика да се грижат за своето ментално здравје	тековно	педагог психолог дефектолог одд. раководители
Работилница ,,Мотивација за учење“	Да се поттикнат учениците, да се развива истражувачкиот дух, да постигнат подобри резултати	ноември	психолог
Индивидуални советодавни разговори со ученици	Детектирање и надминување на проблеми во процесот на учењето	тековно	педагог психолог дефектолог
Анализа на успехот при премин од одделенска во предметна настава	Да се следат постигнувањата на учениците, да се детектираа отстапувањата во успхеот и навремено да се интервенира	јануари	
Следење на успехот на учениците со потешкотии и посебни образовни потреби	Детектирање и надминување на проблеми во процесот на учењето	тековно	дефектолог
Работа со надарените учениците	Да се вклучат надарените ученици во воннаставните активности	По квартали	педагог психолог дефектолог

19.План за професионална ориентација на учениците

Планирана активност	Цел	Време на реализација	Реализатори	Планирана активност	Цел
Информирање на учениците за потребата и значењето на професионалната ориентација	Информирани ученици	Септември-октомври	Психолог Педагог Одделенски раководители Ученици	Информирање на учениците за потребата и значењето на професионалната ориентација	Информирани ученици
Информирање на учениците за можноста и перспективите на професиите и мрежата на средните училишта (разгледување на конкурсот	Стекнување на поголема информираност за професиите, струките и застапеноста на струките во средните училишта како и потребните услови за запишување во истите	март	Психолог Педагог Одделенски раководители Ученици	Разгледување на конкурсот на јавните средни училишта на Град Скопје и запознавање со училиштата, условите и документите за запишување, како и одредување на бодовите	Развивање на свесност кај учениците за сопствените интереси и условите за запишување во средно училиште
Испитување на информираноста и интересите на учениците за поматамошно образование (спроведување на анкета)	Стекнување на сознанија за информираноста и интересите на учениците за професиите и понатамошното образование	март-април	Психолог, Педагог, Дефектолог Ученици	Спроведување на анкета за професионална ориентација и анализа на истата	Давање насоки и информации на учениците во врска со понатамошното образование
Психолошки тестирања (примена на тест за општи интелектуални способности-Тифин, прашалник за самопроцена на професионални интереси, прашалник за самопроцена на специфични способности)	Да се добијат податоци за интересите и способностите на учениците	април-мај	Психолог, Ученици	Психолошки тестирања (примена на тест за општи интелектуални способности-Тифин, прашалник за самопроцена на професионални интереси, прашалник за самопроцена на специфични способности,)	Да се добијат податоци за најголемите интереси и најизразените способности на учениците

Информирање на учениците за постигнатите резултати	Информирани ученици за сопствените интереси и потенцијали	април-мај	Психолог, Ученици, родители	Информирање на учениците за постигнатите резултати	Информирани ученици за сопствените интереси и потенцијали
Организирање на презентации од средните училишта	Информирани ученици	април-мај	Директор, Педагог, Психолог, Дефектолог, Одделенски раководители, Ученици,	Организирање на презентации од средните училишта	Информирани ученици
Изготвување и споделување информација на класните раководители во врска со уписот	Информирани ученици, родители	април-мај	Психолог	Изготвување информација за класните раководители во врска со уписот	Информирани ученици,родители
Помош на учениците во пресметувањето на бодовите и можностите за конкурирање	Да се добијат точни информации за можностите за упис	мај-јуни	Психолог,	Помош на учениците во пресметувањето на бодовите и можностите за конкурирање	Да се добијат точни информации за можностите за упис
Индивидуални советувања на ученици	Правилно насочување на учениците при правилен избор на идна професија	мај	Психолог,	Групна анализа на споведените инструменти и врз основа на тоа индивидуални советувања на учениците	Советувани ученици
Истакнување на огласна табла потребни информации околу запишувањето во средно училиште	Информирани ученици	јуни	Психолог,	Истакнување на огласна табла потребни информации околу запишувањето во средно училиште	Информирани ученици

20.План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Тема на работилница	Цели	Реализатор	Време на реализација
,,Другарство“	Да се развиваат и негуваат добри меѓусебни односи, емпатичност и соработка	стручна служба ученици од одделенска настава	тековно
,,Кажи не за пушењето“	Да се запознаат со штетните влијанија по нивното здравје од користење на никотин	стручна служба ученици од VIIа,б	X
,, Алкохолизам и последици од неговото конзумирање„	Да се запознаат со штетните влијанија по нивното здравје од користење на алкохолот	стручна служба ученици од VIIIа,б	X
Болести на зависност - ,,Кажи не за дрогата“	Да се запознаат со штетните влијанија по нивното здравје од користење на наркотици	стручна служба ученици од IXа	X
,,Емоции”	Препознавање на четирите основните емоции и справување со истите	Стучна служба ученици од одделенска настава	тековно
Работилници за унапредување на ментално здравје (самоконтрола, соработка, вештини за активно слушање и асертивна комуникација, толеранција)	Развивање на позитивни особини кај учениците и унапредување на нивното ментално здравје и грижата за истото	Стручна служба ученици од одделенска и предметна настава	тековно
Стоп за врсничко насилство (серија работилници)	Развивање на модели за позитивна комуникација помеѓу учениците и намалување н аврсничкото насилство	Стручна служба ученици од одделенска и предметна настава	тековно

20.1 Програма за унапредување на менталното здравје на учениците

Активности	Очекувани резултати	Целна група	Носители на активноста	Место на реализација	Време на реализација	Потребни ресурси
Работилница ,,Сите сме различни, сите сме посебни"	Учениците разбираат дека луѓето изгледаат различни и дека некои може да имаат посебни потреби или недостатоци, но сите се вредни и важни	Ученици Ia Iб	дефектолог	училница	септември 2025	Работни листови
Работилница: ,,Што значи да си добар другар“	Учениците ги знаат особините на добрите другари и значењето на другарството	ученици од Ia,Iб	педагог	училница	септември	прирачници,работни листови
Работилница: ,,Како да препознаеме кој е добар другар“	Учениците ги знаат особините на добрите другари и значењето на другарството	ученици од IIa,IIб	педагог	училница	септември	прирачници,работни листови
Работилница Препознавање и изразување на сопствените емоции **„И пријатно и непријатно“**	Знае кои емоции се позитивни, а кои негативни знае што го прави вознемирен/на	Ученици Va Vб	Славица Мојсоска и Сузана Танева	училница	септември 2025	Работен лист за наставникот
Одбележување на денот на менталното здравје	Создавање на пријатна атмосфера во училиштето, зголемена свесност за важноста на	Ученици од ученичката заедница	Педагог, психолог	училишен хол	октомври 2025	Пораки за подобро ментално здравје

(поделба на пораки од страна учениците од ученичкиот парламент, на другите ученици и вработени во училиштето	менталното здравје					
Работилница: ,,Без другари е тажно“	Учениците развија вештини за пријателство и соработка, и научија како да покажат разбирање и емпатија	ученици од IIIa,IIIб	педагог	училница	октомври 2025	прирачници,работни листови
Работилница: ,,Како се гради добро другарство“	Учениците умеат да сослушуваат, да споделуваат и да решаваат конфликти	ученици од IVa,IVб	педагог	училница	октомври 2025	прирачници,работни листови
Работилница ,Ги препознавам и изразувам ците"	Учениците ќе ги препознаваат своите и туѓите емоции и ќе научат како да ги изразуваат на соодветен начин.	Учениците од IIIa,IIIб одделение	Актив на трето одделение Николета Нестор ,Благица Секуловска	училница	октомври 2025	Фломастери ,ливчиња со емоции ,слики проектор
Работилница I-1.2: **,,Огледалце, огледалце мое”**	Ученикот/ученичката препознава свои слаби/јаки страни, развива самокритичност, се поттикнува на самоостварување и	Ученици од VIa VIб одделение	Тоше Столески и Елена Владева Апостолов	кабинет по музичко образование	октомври 2025	Мала топка, работен лист ,,Огледалце, огледалце мое”, прибор за цртање

	подобрување, остварува релација со соучениците					
Работилница Ако не ‹гирам....	Ќе ги согледа негативните последици од нереагирањето на насилство и ќе научи како соодветно да реагира во дадената ситуација	Ученици од VIIа VIIб	Татјана Силјаноска-Гочкова Лорета Станковиќ	училница	октомври 2025	Работнии листови
Работилница: 1.Јас-Личен развој Препознавање и изразување на сопствените емоции **Промени тука – прпромени таму**	Знае како пубертетот доведува до промени во емоциите	Ученици од VIIIа VIIIб	Мартина Христова, Фросина Димитровска	училница	октомври 2025	Работни листови
" Препознавање и изразување на своите емоции Моите чувства	Да се запознае со различни видови чувства и манифестирање на истите	Ученици од Iа, Iб одделение	Валентина Славковска Ленка Пешевска	училница	октомври-ноември 2025	Компјутер проектор постер
Работилница „Надминување на мојот страв“.	Да прифати дека е покорисно емоциите да се изразуваат отколку да се задржуваат или потиснуваат во себе.	Учениците од IVа, IVб одделение	Лили Подолешова и Марија Живковска	училница	октомври/ ноември 2025	Работни листови, боички, моливи, пликови за писмо и хартија за пишување, смарт табла.

Работилница ,,Надминување на социјална изолација кај учениците"	Учениците стекнуваат вештини за градење на пријателства и вклучување во социјални групи, градат позитивни односи со врсниците со што се надминува социјална изолација а се промовира инклузивна клима во училиштето	Ученици VIIIа,VIIIб/ IXа, IXб	Дефектолог	училница	октомври/декември 2025	Работни листови
Работилница ,,Промени тука-промени таму"	Учениците знаат како пубертетот доведува до промени во емоциите	Ученици IXа IXб	Одд.раководител Елена Тасевска Љубинка Стоименова	училница	октомври	Работни листови
Работилница „Мојата среќна и тажна страница“.	Да прифати дека е покорисно емоциите да се изразуваат отколку да се задржуваат или потуснуваат во себе.	Ученици IIа IIб	Љубица Коцеска и Ива Количев.	училница	октомври/ ноември 2025	Работни листови, боички, моливи.
Работилница: ,,Со другари е полесно “	Учениците умеат да создаваат позитивна и безбедна другарска атмосфера	ученици од Vа,Vб	педагог	училница	ноември 2025	прирачници,работни листови
Работилница ,,Тимска работа и соработка"	Учениците ја согледуваат важноста на тимската работа и соработка, стекнуваат знаења и вештини за	Ученици VIIа VIIб	Дефектолог	училница	ноември 2025	Работни листови

	соработка и групна работа, и знаат за придобивките и предизвиците кои ги носи тимската работа					
Брошура ,,Се грижиме за менталното здравје на нашите ученици"	Родителите ја согледуваат важноста на нивната улога во подобрување на менталното здравје на нивните деца	Родители - членови на Совет на родители	Психолог Педагог Дефектолог	наставничка канцеларија	ноември 2025	Брошури
Работилница ,,Активно слушање"	Учениците го познаваат поимот и стекнуваат вештини за активно слушање, ја согледуваат потребата од активното слушање како предуслов за успешна комуникација во училиште	Ученици VIа VIб	Психолог	училница	ноември 2025	Работни листови
Работилница ,,Саморегулација"	Учениците ги идентификуваат, именуваат и дискутираат за емоциите. Умеат да ги поврзат емоциите со мислите, однесувањето и ситуациите	Ученици VIIа VIIб VIIIа VIIIб IXа IXб	Психолог	училница	ноември 2025	Работни листови
Работилница	Учениците воочуваат	ученици од	педагог	училница	ноември	прирачници,работни

,,Соработка наспроти натпревар помеѓу учениците"	дека се јавуваат различни чувства кај натпревар (победник и поразен) и соработка (позитивни чувства), согледуваат дека соработката овозможува здружување и заедничка работа во која владеат поддршка, толеранција и меѓусебно почитување	VIa,VIб				листови
Работилница ,,Љубов"	Учениците знаат дека љубовта може да се покаже на различни начини и дека различни луѓе сакаат да им се покаже љубовта на различни начини. На секого му е важно да му се покаже дека е сакан.	Ученици Ia Iб	Психолог	училница	ноември 2025	Работни листови
Работилница ,,Моите чувства"	Учениците знаат дека постојат различни видови емоции и дека емоциите се изразуваат и вербално и невербално (гласот, изразот на лицето,	Ученици IIa IIб	Психолог	училница	ноември 2025	Работни листови

	положбата на телото). Прифаќаат дека е покорисно емоциите да се изразуваат одколку да се потиснуваат и задржуваат					
Работилница ,,Од што се плашиме"	Учениците знаат дека сите човечки суштества се плашат и декаи стравот има заштитна функција, благодарение на него ги избегнуваме опасните ситуации или правиме нешто да се заштитиме	Ученици IIIа IIIб	Психолог	училница	ноември 2025	Работни листови
Работилница ,,Препознавање на чувства"	Учениците умеат да ги препознаат сопствените чувства и соодветно да ги изразат , прифаќаат дека и пријатните и непријатните емоции се дел од секојдневниот живот	Ученици IVа IVб	Психолог	училница	ноември 2025	Работни листови
Работилница ,,Силни чувства"	Учениците умеат да ги опишат доживувањата од пријатните и непријатните емоции, знаат дека силните	Ученици Vа Vб	Психолог	училница	ноември	Работни листови

	чувства влијаат на нашето расположение и знаат начини на кои можат да се справат со силните негативни чувства на недеструктивен начин					
Работилница: ,,Заедно сме посилни“	Учениците знаат да се слушаат меѓусебно, решаваат конфликти ,градат доверба и развиваат емпатија	ученици од VIIа,VIIб	педагог	училница	декември 2025	прирачници,работни листови
Работилница: ,,Силни сме кога сме заедно“	Учениците знаат дека довербата и почитувањето водат кон подобри резултати и градење на посилни пријателски врски	ученици од VIIIа,VIIIб	педагог	училница	декември 2025	прирачници,работни листови
Работилница ,,Прифаќање сличности и разлики"	Учениците ги препознаваат сличностите и разликите кои постојат помеѓу луѓето (физ.изглед, способностите, потеклото),	Ученици IVа IVб	Дефектолог	училница	декември 2025	Работни листови
Работилница ,,Како да ја испланирам мојата работна недела”	Учениците го запознаваат поимот прокастринација, ја согледуваат потребата од	Ученици VIа VIб	Дефектолог	училница	декември 2025	Работни листови

	планирање на своето време и придржување до изготвениот распоред на работни задачи. Согледуваат дека одложувањето на обврските предизвикува стрес, вознемиреност и неуспех.					
Работилница ,,Скршено срце"	Наставниците ја воочуваат важноста од развојот на емпатијата и можат да ја применат кај своите ученици	Сите наставници	Педагог	наставничка канцеларија	јануари 2026	Работни листови
Развивање свест за сексуалното здравје – **„Приказната за Инга“**	Знае што е сексуално вознемирување (нескани **зборови** со сексуална конотација)	Ученици Va Vб	Славица Мојсоска и Сузана Танева	училница	јануари 2026	Работен лист за наставникот
Работилница II–8.1: **„Говорот на моето лице”**	Ученикот/ученичката знае дека постојат и невербални знаци без употреба на зборови, препознава неверба. знаци кои може да направат проблеми и знаци кои создаваат подобри односи со	Ученици од VIa VIб	Тоше Столески и Елена Владева Апостолов	кабинет по музичко образование	февруари 2025	Работен лист за учениците, Фацијални експресии, фломастери, боички

	другите					
Работилница ,,Асертивна комуникација”	Учениците знаат што е асертивна комуникација и ги согледуваат придобивките од користењето на јас говорот, особено во надминување на конфликтите во комуникацијата во училишната средина	Ученици VIа VIб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови
Работилница ,,Разрешување проблеми”	Учениците знаат да го идентификуваат проблемот и можностите за пристапување кон истиот, развиваат техники за разрешување проблеми	Ученици VIIа VIIб VIIIа VIIIб IXа IXб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови
Работилница ,,Животна линија"	Учениците знаат дека луѓето се разликуваат по темпото со кое растат и се развиваат,согледуваат дека изведувањето на активности соодветни за своите способности причинува задоволство	Ученици Iа Iб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови

Работилница ,,Малата локомотива што можеше"	Учениците знаат дека за да успеат во она што го замислиле важно е да веруваат во себе, да не се откажуваат, да бидат упорни, да гирешаваат своите проблеми и да се обидуваат повеќе пати	Ученици IIа IIб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови
Работилница ,,Од грешките се учи"	Учениците знаат дека луѓето можат да учат од сопствените грешки, ако некој погреши може да му помогне даразговарасо некого, да сфати како можеда ја поправи грешката, ако побара помош и упорно сеобидува повторно	Ученици IIIа IIIб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови
Работилница ,,Огледалце, огледалце мое"	Учениците знаат за своите јаки и слаби страни, ја препознаваат својата единственост, сфаќаат дека самодовербата и сигурноста во себе се важни за	Ученици IVа IVб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови

	постигнувањата во животот					
Работилница ,,Јас можам"	Учениците знаат дека со растењето учат да прават се повеќе и повеќе работи, умеат да ги постават своите цели во согласност во нивните потенцијали	Ученици Va Vб	Психолог	училница	февруари 2026	Работни листови
Работилница: ,,Силата е во тимот“	Учениците умеат ефективно да комуницираат, тимски да работат, да покажат почит и разбирање	ученици од IXа,IXб	педагог	училница	февруари 2026	прирачници,работни листови
Работилница: 1.Јас-Личен развој Справување со успах/неуспех **Целта на Азра**	Да умее да направи план за надминување на неуспехот во учењето, да се ангажира, да побара помош	Ученици од VIIIа VIIIб	Мартина Христова, Фросина Димитровска	училница	февруари 2026	Работни листови
Работилница ,,Што со тагата"	Учениците знаат дека манифестацијата на жалење поради загуба е прифатлива за околината и не е срамна	Ученици IXа IXб	Одд.раководител Елена Тасевска Љубинка Стоименова	училница	февруари 2026	Работни листови
,,Заедничка забава по повод патрониот празник	Подобрена училишна клима, подобрена меѓусебна комуникација	Сите вработени и родители	Комисија одговорна за патронат	спортско игралиште во учил. двор	март 2026	озвучување

,,Заедничка еко акција за чистење на училишниот двор и засадување цвеќе" со ученици, вработени и родители	Зголемено чувството на заедништво помеѓу родителите, вработените и учениците, подобрена соработка и еколошка свест	Ученици, Вработени, Родители	Сите вработени во училиштето	училишен двор	март 2026	Ќеси за отпад, садници со цвеќе
Работилница ,,Јас сум силен /слна градење на самодоверба	Ученицте ќе развиваат позитивна слика за себе и ќе ја зајакнуваат својата самодоверба.	Учениците од IIIа, IIIб одделение	Актив на трето одделение Николета Нестор ,Благица Секуловска	училница	март 2026	Огледало ,картон ,лепило ,позитивни пораки
Работилница Покажи ми бов	ќе научи да се справува со различни животни ситуации кои предизвикуваат силни емоции	Ученици од VIIа VIIб	Татјана Силјаноска-Гочкова Лорета Станковиќ	училница	март 2026	Работни листови
Справување со успех/неуспех	Да прифати дека секому може да му се случи повреда или загуба на миленик	Ученици од Iа, Iб одделение	Валентина Славковска Ленка Пешевска	училница	март-април 2026	Компјутер проектор постер
Блог на веб страната ,,Ментално здравје"	Зголемена свест кај родителите и вработените за важноста на менталното здравје, како за сопственото така и на нивните деца	Сите родители и вработени во училиштето	Стручна служба	Веб страна на училиштето	април 2026	Стручна литература

Работилница ,,Деца со посебни потреби"	Учениците знаат дека децата со хендикеп не се помалку важни од останатите деца, тие можат да бидат подеднакво добри другари, забавни, интересни.	Ученици VIа VIб	Дефектолог	училница	април 2026	Работни листови
Работилница „Моите чувства“.	Да прифати дека е покорисно емоциите да се изразуваат отколку да се задржуваат или потуснуваат во себе.	Ученици IIа IIб	Љубица Коцеска и Ива Количев.	училница	април/ мај 2026	Работни листови, боички, моливи.
Работилница „Како се справувам со расправија“.	Да прифати дека расправијата е дел од секојдневниот живот и решението на истиот треба да е праведно за двете страни.	Ученици IVа, IVб	Лили Подолешова и Марија Живковска	училница	април/ мај 2026	Работни листови, боички, моливи смарт табла.
Пуштање на химната пред почетокот на првиот час и музика за време на големите одмори	Создадена позитивна училишна клима и подобрено расположение на сите ученици и сите вработени во училиштето	Сите ученици и сите вработени во училиштето	Стручна служба	училишен хол, училници	Во текот на целата учебна година	Разглас

21.План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

ред.број	Содржини на работа	Постигнати цели	Реализатор	Време на реализација
1	**Формирање на тим за оценување**	објективно оценување	директор стручна служба наставници	септември
2	**Изработка на план за писмено оценување**	правилна распределба на писмената проверка	наставници стручна служба	септември
3	**Посета на часови и увид во дневните планирања и годишните планирања (стандарди и критериуми за оценување)**	континуирано и објективно оценување	директор стручна служба	континуирано
4	**Следење на оценувањето по квартали**	квалитетно оценување, следење на успехот на учениците	директор стручна служба	ноември, јануари, април,јуни
5	**Изготвување на процедура за поплаки и жалби по добиена оцена**	задоволување на правото за поплаки и жалби по добиена оцена	стручна служба	мај
6	**Анализа на оценувањето**	изготвување на компаративни анализи	стручна служба	јуни

22.План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Активност	Носители на активност	Ресурси	Инструменти	Временска рамка	Очекувани ефекти
Креирање политика за поддршка на планирањето за посета на часови	директор стручни соработници наставници	Распоред на часови -Стручни материјали - Извештај од посетени часови	Прашалник за наставниците	септември	поквалитетна настава
Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови Изготвување извештаи од увид во планирања на наставниците и посета на часови	директор стручни соработници	Годишни и тематски планирања на наставниците Дневни подготовки на наставниците	Инструмент за увид во дневните планирања на наставниците од одделенска и предметна настава Инструменти за посета на реализацијата на часот за одделенска и предметна настава	Во тек на годината	Подобар квалитет при реализација на часот современи приоди во наставата
Евалуација	директор стручни соработници	програми и подготовки на наставниците	Извештај од посетата на часовите -користени инструменти од посетите на наставата	мај-јуни	подобрување на квалитетот на реализацијата на на-ставата

23.Програма за самоевалуација на училиштето

Фази	Активности	Носители на активност	Временска рамка
Подготвителна фаза	Формирање училишна комисија за самоевалуација	Директор Училишен одбор	октомври
Подготвителна фаза	Формирање тимови по подрачја	Училишна комисија за самоевалуација	октомври
Подготвителна фаза	Запознавање на тимовите со индикаторите за квалитет на подрачјето на кое ќе работат	-Директор -Наставник ментор	октомври
Подготвителна фаза	Планирање на процесот – распределба на задолженија во рамки на тимот	Одговорен на тим	октомври
Собирање податоци	Прибирање докази, обработка и поврзување со индикаторите за квалитет	Тимови на подрачја	ноември
Анализа на податоци	Анализа и триангулација на податоци	Тимови на подрачја	ноември
Идентификација	Идентификација на слаби и јаки страни во однос на подрачјето и издвојување приоритети	Тимови на подрачја	ноември
Подготвовка на извештаи	Изготвување на извештаите по подрачја	Тимови на подрачја	ноември
Подготовка на извештај	Изготвување на целосен извештај и кратко резиме	Училишна комисија	ноември
Разгледување на извештај	Разгледување на извештај за самоевалуација	Директор Наставнички совет Совет на родители	ноември
Усвојување на извештај	Усвојување на извештајот за самоевалуација	Училишен одбор	ноември

Доставување на извештај	Доставување на извештајот за самоевалуација до Општина Гази Баба, Државен испитен центар, МОН	Службите во училиштето	ноември

24.Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Извори/Ресурси	Методи и постапки	Очекувани ефекти
1. Планирање и организација					
Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот за заштита и спасување	Јули 2025	Тим за заштита и спасување, Директор	Закон за основно образование, Правилници, Стручна литература, Училишна скица на објектот	Консултации, Состаноци, Изготвување на предлог програма, Усвојување од Наставнички совет	Успешна реализација и размена на искуства. Јасно дефинирани улоги и одговорности на тимот.
Запознавање на вработените со активностите на тимовите за заштита и	Август-Септември 2025	Тим за заштита и спасување	Програма за заштита и спасување, Материјали за обука	Информативни состаноци, Презентации, Дискусии	Правилно и навремено реагирање во случај на незгода. Зголемена свесност и подготвеност кај вработените.
2. Едукација и подигнување на свеста					
Запознавање на учениците на одделенските/класните часови со ситуации при кои е потребна заштита и спасување	Септември 2025	Тим за заштита и спасување, Одделенски наставници, Класни раководители	Акционен план за заштита и спасување, Брошури, Презентации, Видео материјали	Разговор, Презентација, Интерактивни работилници, Квизови	Учениците се запознаени со ситуации при кои е потребна заштита и спасување.

					Развиени основни знаења за лична безбедност.
- Во текот на целиот воспитно-образовен процес со учениците кои покажуваат послаби резултати ќе се работи со приспособени форми и методи за полесно совладување на предвидените содржини. Одделенскиот раководител ќе ги информира родителите на тие ученици за обврската за задолжително посетување на дополнителна настава по соодветниот наставен предмет. Секој наставник ќе води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Учениците кои послабо напредуваат по повеќе од два наставни предмети, во текот на еден месец ќе посетуваат дополнителна настава по два предмети по избор, во договор со родителот и предметните наставници. Стручната служба активно учествува во реализација на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик. Со учениците кои послабо напредуваат во учењето и покажуваат асоцијативно однесување стручната служба во училиштето ќе организира средби со родители, согласно со Програмата за советување на родители.
- Дополнително, најдоцна до 20 септември, во согласност со распоредот за учебната 2023/24 година, ќе биде изработен и распоред за дополнителна настава по одделни предмети.

8.11. Додатна настава

• Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети.
• Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици кои во текот на целата година покажуваат значајни резултати. Преку додатната настава се овозможува стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари.
• Дополнително, најдоцна до 20 септември, во согласност со распоредот за учебната 2024/25 година, ќе биде изработен и распоред за додатна настава по одделни предмети.

ООУ „25 Мај“

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици
Еден од главните предизивици во парадигмата за поместување од традиционалното учење и настава е прашањето за индивидуализирано учење.
Образованието треба да одговори на барањата на сите ученици, за нивните стилови на учење, методи на учење, интереси и таленти. Факт е дека категоријата на надарени и талентирани деца бара повеќе персонализација, повеќе внимание со цел да се развијат нивните вештини и способности. Програмите за помош на талентираните и надарени ученици во минатото беа базирани на идејата за нивно обезбедување со повеќе информации, повеќе материјали и можеби, повеќе активности со цел да се осигуриме дека тие на тој начин ќе стекнат повеќе знаења. Денес на ваквите ученици им се приоѓа многу поорганизирано и од повеќе аспекти. Во многу земји во светот, па и кај нас, на надарените и талентирани ученици, соодветно Законот, им се нудат некои флексибилни образовни опции, како што се:
➢ порано запишување во училиште;
➢ прескокнување на учебни години;
➢ работа според напредни наставни програми;
➢ паралелно запишување во повисоки одделенија или напредни паралелки;
➢ полагање на испити.

ООУ „25 Мај“

За работа со надарени и талентирани ученици се подготвува индивидуализирана програма за работа во училиштето, со која е испланиран развојот на ваквиот ученик и неговото напредување во учењето, земајќи ги притоа во предвид психолошкиот, педагошкиот и економскиот аспект. Откако ученикот ќе биде препознаен од страна на наставниците како надарено дете, следува процесот на идентификација, односно мерење на степенот на таа надареност од страна на психолошко - педагошката служба, за што постојат посебни протоколи. Целиот процес се одвива во соработка со родителот, односно старателот на ученикот.

вид на надареноста на ученикот			вкупно ученици
Дефиниција	јазично изразување	усно-јазично изразување-ораторство	20
		писмено-јазично изразување	15
		комбинирано јазично изразување	15
	Математика		30
	Природни науки		20
	Талентирани ученици		
	Ликовна уметност		15
	Музичка уметност		30
	Спортски активности		60
	Информатика		20
	Историја и географија		10
	ВКУПНО НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО		235

Стручната служба ја следи надареноста на учениците во следниве области:

Глобални цели кои се предвидени со програмата за работа со надарени и талентирани ученици - целите кои треба да се имаат предвид при работата со надарени и талентирани ученици, се следниве:

- Развивање на способностите на ученикот;
- Унапредување на постигањата на надарените ученици;
- Учество на натпревари и промоција на ученикот;
- Правилен психо-физички развој на личноста на надареният ученик.

Овие цели се предвидува да бидат постигнати со реализација на следнава:

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план. Инклузивниот тим, во состав од педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето, подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно неговите индивидуални потенцијали и потреби. При изработката на ИОП и модифицирана наставна програма, инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници вклучени во образовниот процес на ученикот. Индивидуалните образовните планови се составен дел и од годишните планирања на наставниците. За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште има законска можност да обезбеди: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма. Училишниот инклузивен тим изработува Програма за деца со потешкотии и посебни потреби и Програма за инклузивен тим за образование, согласно кои ги планира и спроведува активностите на ниво на целото училиште за сите видови поддршка на учениците со посебни потреби (ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми, со специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни или јазични депривирани средини).

Туторска поддршка на учениците

Министерството обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Дополнителната поддршка ја реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот. Туторволонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите утврдени во програмата. Согласно потребите на училиштето потребни се тројца тутори и испратено е барање до општина.

8.14. Туторска поддршка на учениците

Училиштето има склучено договор со Педагошкиот факултет “Свети Климент Охридски”, Скопје.

Планирано е во учебната 2025/26 да се ангажира волонтер по агнлиски јазик, во соработка со невладината организација American Peace Corps.

8.15. План на образовниот медијатор

Училиштето нема образовен медијатор.

ООУ „25 МАЈ“

9.Воннаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно. За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности. Училиштето при организирањето на воннаставните активности води сметка за заштита од дискриминација по било кој основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици. За воннаставните активности училиштата, може да се стекнуваат со средства за финансирање од учество на проекти, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија и легати. Училиштето во рамките на својата воспитно-образовна дејност ги организира и остварува следните воннаставни активности.

9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој кај учениците, го зајакнува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска активност и култура на добро држење на телото. Во организација на Федерација на училишен спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на училишен спорт на град Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови (атлетика, карате, џудо, борење, пинг-понг, шах). Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на училишен спорт на град Скопје, општина Гази Баба и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите. За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на учениците, најмалку пет наставници кои засновале работен однос на неопределено време во основното училиште, основаат училишен спортски клуб, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спортот.

Во текот на учебната година се формираат неколку тимови:

- Кошарка
- Одбојка
- Фудбал
- Ракомет

Изборот е според афинитетот на учениците и нивните интереси. Одговорен наставник за овие спортски тимови е наставниците по физичко и здравствено образование Преку тренинзите учениците ги откриваат своите спортски афинитети и способности.

ООУ „Јане Мај“

Секции/Клубови

Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација. Знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко, а воедно и со учество на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно-образовната дејност на училиштето,како и воспоставување на комуникација со другите училишта. Според карактерот и содржината на работа, СУА се застапени како: - Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците Културно - уметнички активности: предметна настава.

Секција	Одговорен наставник
Литературна	Игбал Мемиши, Анета Цаневска
Љубители на англискиот јазик	Нерџиване Рамадани
Млади географичари	Линдита Селмани, Вулнет Аќифи
Млади историчари	Фериз Метуши
Млади математичари	Ардиан Хамити, Сањате Бектеши
Млади хемичари	Сејдије Бајрами
Млади физичари	Нусрет Шабани
Млади биолози	Ајсер Лимани
Екологија	Медина Даши

Слободни културно – уметнички активности

Секција	Одговорен наставник
Драмска	Мерита Алили
Рецитаторска	Арјета Идризи, Селма Исак
Млади јазичари	Фериде Исмаили
Млади новинари	Теута Хаскај Војника
Хор и оркестар	Алма Туша и Влора Мустафа
Ликовна	Агим Саити
Ритмичко-балетска	Омер Селими
Одбојка	Вулнет Салиу

ООУ „25 МАЈ“

Секција	Одговорен наставник
Мал фудбал	Флорим Муртезани
Кошарка	Зејнеп Елези

9.2. Акции

Во училиштето се организираат хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација и задолжени за реализација и супервизија во која задолжително има претставници од советот на родители. За реализација на сите предвидени активности се изготвува посебна програма. Податоци за лицата задолжени за реализација на акциите, учениците кои ќе бидат активно вклучени, родители, потребни средства, материјали, извори, време на реализација ќе бидат опфатени со Планот во прилог за планираните базари, прослави, одбележувања на значајни датуми, Ден на екологија и Отворен ден на граѓанско образование, одбележување на Ден на општината и Ден на училиштето, учество на учениците во разни хуманитарни акции, кои имаат пошироко општествено значење и помош на социјално- загрозени и инвалидизирани лица, работни акции во и вон училиштето, уредување на училниците и училишниот двор и сл. За сите активности се изготвува посебна програма, поддржана од Ученичката заедница, Училишниот одбор и Советот на родители. Во текот на учебната година учениците ќе учествуваат на многубројни општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Учеството на овие натпревари е според нивниот афинитет и способности.

9.3 Соработка со училишта надвор од државата

Нашето училиште исто така ќе продолжува со соработката со училишта надвор од државата во областа на образовниот процес и тоа: Косово - Урошевац ОУ „ Астрит Битиќи“, Србија - Прешево ОУ„ Ибрахим Келменди“, Албанија-Драч Колеѓ„ Тургут Озал, ОУ “Тими Митко”, Гњилане – Република Косово, ОСНУ “Лирија”, Приштина, Република Косово, исл. Исто така предвидуваме и соработка со други училишта. Пријателството во областа на образованието за подобра иднина во образовниот процес и во учебната 2025/26 ќе продолжи традицијата со братски собири и разни активности меѓу учениците од нашите училишта: спортски активности, разни натпревари исл. Во склоп на Ерасмус+ - проектите нашето училиште ќе продолжи реализација на заеднички предвидени активности за 2025/26 учебна година во соработка со образовни институции од други држави. Темите кои ќе бидат опфатени: “Дигитализација-користење на ИКТ вештини”, “Екологија”, “Инклузија” и “Кибернетички криминал- сајбер булизам”, исл.

ОУ „25 МАЈ“

Во прилог стои Акционен план на соработката:

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СОРАБОТКА НА ООУ „22 НОЕМВРИ“ – Гази Баба, Скопје, РСМ СО ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ПАРТНЕР УЧИЛИШТА

Општа цел:

Да се создаде мост на соработка помеѓу учениците и наставниот кадар преку едукативни, културни и креативни активности кои ќе поттикнат запознавање, размена на искуства и градење на заеднички вредности.

Специфични цели:

1. Поттикнување на размена на наставни и едукативни искуства.
2. Промовирање на културата, јазикот и албанското културно наследство.
3. Развивање заеднички проекти од областа на екологијата, социјалните прашања и креативноста.
4. Јакнење на компетенциите на учениците и наставниците за тимска и меѓукултурна работа.

Активности и временска прогноза

Бр.	Активност	Опис	Рок	Одговорни лица
1	Координативна онлајн средба	Средба помеѓу раководствата на двете училишта за планирање на соработката	Втората недела од септември 2025	Дирекција, координатори
2	Формирање на проектни тимови	Формирање на заеднички тимови од ученици и наставници	Октомври 2025	Координатори
3	Активност „Еден ден во нашето училиште“	Виртуелна презентација на училиштето и неговите традиции од двете страни	Ноември 2025	Ученици и наставници
4	Заеднички креативен проект	Заедничка изработка на труд на избрана тема (пр. „Нашиот заеднички јазик“, „Нашите херои“)	Декември 2025 – Јануари 2026	Наставници по јазик/општествени науки
5	Размена на посети	Физичка или онлајн посета на учениците во партнерското училиште	Март/Април 2026	Двете училишта
6	Изложба или завршна презентација	Јавна презентација на резултатите од соработката: постери, видеа, есеи, песни и сл.	Јуни 2026	Сите учесници

ООУ „25 МАЈ“

Средства и ресурси:

• Користење на онлајн платформи (Zoom, Google Meet, Teams)
• Поддршка од општините и Министерствата за образование за патување/логистика
• Вклучување на родителите и локалната заедница

Следење и евалуација:

• Месечни извештаи за напредок
• Евалуации од учениците и наставниците
• Рефлективна средба на крајот на учебната година

Потпишување на договор за соработка:

Нашето училиште има изготвено и потпишувано формален договор за соработка во кој се опишуваат целите, задачите, одговорностите и роковите.

- Нашето училиште има соработка со **Првата детска амбасада во светот "Меѓаши" во РСМ**. Во прилог стои План и програма за Мировно Образование.

ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

ООУ „25 Мај" – општина Гази Баба, Скопје
Учебна година 2025/2026
Координатор: проф. Зејнеп Неби.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Поттикнување култура на мир, толеранција и ненасилна комуникација.
- Развивање свест за меѓуетничка и интеркултурна хармонија.
- Вклучување на учениците во одбележување на значајни меѓународни датуми поврзани со мирот.
- Јакнење на активното учество во проекти и теренски активности.

ООУ „25 МАЈ"

ТЕМАТСКИ ПЛАН СО МЕЃУНАРОДНИ ДАТУМИ

Месец	Теми и активности	Меѓународни датуми
Септември	Вовед во мировно образование; формирање на клуб	21 септември – Меѓународен ден на мирот
Октомври	Работилници: Ненасилна комуникација, мир во училиште	2 октомври – Меѓународен ден на ненасилство (Ганди)
Ноември	Мултикултурен дијалог, традиции и симболи на мирот	16 ноември – Меѓународен ден на толеранцијата
Декември	Мир во религија; човекови права	10 декември – Меѓународен ден на човековите права
Јануари	Филмски ден и дебати	–
Февруари	Форум со НВО и други училишта	20 февруари – Меѓународен ден на социјална правда
Март	Креативни работилници: постери, мурали, слогани	21 март – Ден за елиминација на расната дискриминација
Април	Мир и родова еднаквост; теренска посета во Тетово	7 април – Светски ден на здравјето
Мај	Мировен караван: презентации и акции	15 мај – Меѓународен ден на семејството
Јуни	Завршна изложба и рефлексија	–

ООУ „25 МАЈ"

ПОТРЕБНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА РАБОТИЛНИЦИТЕ

- Хамери (А3 и А2 формати)
- Боички, фломастери, маркери, темпери
- Лепила, ножички, селотејп
- Листови (бели и обоени), картони
- Канцелариски материјали: спојници, перфорирачи
- Освежување и закуска за учениците (вода, сок, грицки, овошје)

ТЕРЕНСКА АКТИВНОСТ - Посета на Тетово – Шарената Џамија

- Цел: Запознавање со културното наследство и симболите на мирот преку религијата и уметноста.
- Време: Април или Мај 2026, по договор со наставниците и родителите.
- Учесници: Околу 25–30 ученици со 2 придружници (наставници).
- Организација: Превоз (минибус/автобус), водич, фото-дневник, рефлексија по посетата.

МЕТОДИ НА РАБОТА

- Работилници и интерактивни предавања
- Проектни активности и групни дискусии
- Интердисциплинарна соработка со други предмети
- Едукација преку филм, уметност и дебати
- Теренски активности и културни посети

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

- Самооценување и рефлективни записи од учениците
- Квалитет и креативност на изработените материјали
- Учеството во активности и теренската посета
- Анкета/повратна информација по завршувањето на учебната година.

Во учебната 2025/26 продолжуваме со соработка со Здружението за промовирање на општествена одговорност “УРБАН СВЕТ”, Скопје.

ООУ „25 МАЈ“

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ”ЕКО-УЧИЛИШТЕ”

Цели на проектот во училиштето:
➢ Рационална употреба на енергијата;
➢ Рационална употреба на водата;
➢ Намалување на отпадот;
➢ Промена на навиките;

Задачи на еко-одборот за постигнување на целите:
➢ Да се запознае со темите енергија, вода и отпад (предавања);
➢ Да одржи едукација на темите за целото училиште;
➢ Да изработи материјали за едукативни кампањи за училиштето (постери и налепници);
➢ Да организира настани по повод одбележување на еколошки денови за подигање на јавната свест;
➢ Да изврши почетно снимање на состојбата на темите енергија, вода и отпад во училиштето;
➢ Да креира активности (проекти) што ќе доведат до подобрување на состојбата;
➢ Да го мониторира изведувањето на проектите и подобрувањето на состојбата во училиштето;
➢ Да изработи портфолио за проектните активности;
Формулар за членови на ЕКО-одбор
ФОРМУЛАР ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЕКО-ОДБОР
Учебна година 2025/2026

Податоци за формираниот Еко-одбор

	Име и презиме	Телефон	Е-пошта
Координатор на програмата	Дитурије Сејфедини Флорије Дика Сузана Курбардвиќ	072307794 072538538 070234950	diturie.sejfedini@gmail.com florije.b.dika@gmail.com suzana.cuki@hotmail.com
Претседател на Еко-одбор	Флорије Дика	072538538	florije.b.dika@gmail.com

Членови на Еко-одбор:

	Име и презиме	Позиција	Институција
1.	Зејнеп Неби	Помошник дирек.	О.О.У. „25 Мај„
2.	Флорим Муртезани	Наст.	О.О.У. „25 Мај„
3.	Валбона Јахији	Наст	О.О.У. „25 Мај„
4.	Теута Хаскај Војника	Наст	О.О.У. „25 Мај„
5.	Вилдане Сулејмани	Наст	О.О.У. „25 Мај„
6.	Сањате Бектеши	Наст	О.О.У. „25 Мај„
7.	Музафер Сејди	Домаќин	О.О.У. „25 Мај„
8.	Реџеп Шабани	Хигиеничар	О.О.У. „25 Мај„
9.	Анета Цаневска	Настав.	О.О.У. „25 Мај„
10.	Дора Али	Ученик	О.О.У. „25 Мај„
11.	Деа Војника	Ученик	О.О.У. „25 Мај„
12.	Ферди Асани	Родител	О.О.У. „25 Мај„

ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР

5 март	Светски ден за заштеда на енергија
21 март	Ден на пролетта
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната
Ден на акција на еко-училиштата - се реализира два пати во текот на една учебна година Ајде Македонија - ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Северна Македонија	

ОУ „25 МАЈ„

10. Ученичко организирање и учество

Според членот 68 (став 3 и 4) од Законот за основно образование, „за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките“. Според тоа, ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите на заедниците на паралелките во едно училиште. 20 Ученици го сочинуваат ученичкиот парламент, претседател: (именуваниот председател на ученичкиот парламент беше од 9/3 одд. За учебната 2025/2026 год. ќе биде именуван во текот на почетокот на учебната година според закон и правила.

Според членот 68, став 8, Законот за основно образование препознава ученички правобранител, чија улога е да „се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето“. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Според Законот, ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ НА УЧЕНИЧКИТЕ

ПРАВОБРАНИТЕЛИ

ООУ „25 Мај“ – Гази Баба - Скопје објавува повик за избор на ученички правобранител и заменици на ученичките правобранители.
Ученичкиот правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето (училиштен кадар и Народен правобранител).

I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО
Право на пријавување за функцијата ученички правобранител имаат учениците од 7, 8 или 9 одделение.
Право на пријавување за функцијата заменик на ученичкиот правобранител имаат учениците од 6, 7 и 8 одделение.

II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ
Документи за пријавување: пријава и мотивационо писмо.
Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава од педагошко-психолошката служба/класните раководители во училиштето.
Потребно е кандидатите да ја пополнат и да ја достават пријавата до педагошко-психолошката служба/ класните раководители.
Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.
Краен рок за поднесување на документите: 15.09.2025 година.

III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Избор за ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од 7 до 9 одделение според следните критериуми:
– пол,
– возраст,
– основно познавање на детските права,
– мотивација за пријавувањето,
– комуникациски и организациски способности,
– етничка припадност,
– претходно искуство, односно вклученост во воннаставните активности.

IV. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговите заменици:
• промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
• прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
• редовна комуникација и координација со педагошко-психолошката служба.
Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години (доколку правобранителот е 9 одделение, неговиот мандат е една учебна година).

Лице за контакт: стручна служба – мејл: florije.b.dika@gmail.com

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Општинско основно училиште

„25 Мај“ Гази Баба - Скопје

Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „25 Мај“ Гази Баба – Скопје за учебната 2025/2026 година

ООУ „25 МАЈ“

Врз основа на член 42 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25). Правилник за формата и содржината за годишната програма за работа на основно училиште Бр. 14-1232/1

Содржина

ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ 79
ИЗЛЕТИ 81
1.1 ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ 81
1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ Место: Сарај 85
1.3 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III одд– Битола 89
1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Дојран 92
1.5 ТРИ ДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Охрид 96
1.6 99
ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ 100
ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА 101
ПЛАНИРАЊЕ И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ 101
ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО РЕДОСЛЕД НА ДЕНОВИ 103
ПЛАН ЗА НАСТАВА 103
СОДРЖИНА ПО НАСТАВНИ ОБЛАСТИ 103
СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ 104
МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА 104
РЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИКОТ 104
ПЛАН ЗА НАСТАВА 105
СОДРЖИНА ПО НАСТАВНИ ОБЛАСТИ 105
СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ 106
МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА 106
РЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИКОТ 106
ПЛАН ЗА НАСТАВА 107

ООУ „25 МАЈ“

СОДРЖИНА ПО НАСТАВНИ ОБЛАСТИ..... 107
СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ..... 108
МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА..... 109
РЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИКОТ..... 109

ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ

- Врз основа на член 42 од Законот за основно образование ((„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) донесен од Министерство за образование и наука, Концепцијата за воннаставни активности во основното образование стручниот тим на екскурзии, формиран со одлука од страна на Училишниот одбор на училиштето, изготви Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„25 Мај“ Гази Баба- Скопје.

- Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето. Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Целите на училишните екскурзии,излетите и други училишни активности се остваруваат преку:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Посети на локалитети и објекти од културно,историско и друго значење;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одредени краеви во државата;
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и со живот;
- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава;

- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народи граѓаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата;

- Дружење, социјализација, колективна заштита истекнување на искуство за осамостојување и грижа за себеси;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење;

Изборот на место за организирање на еднодневниот есенски и пролетен излет е направен врз основа на Извештајот од Училишниот

парламент, а по резимирање на спроведената анкета меѓу учениците, а потоа и меѓу наставниците.

Во текот на учебната година екскурзиите ќе бидат организирани за сите ученици.

Во зависност од интересите на учениците и одвременските услови можни се и промениво планот за изведување на екскурзиите.

1.**Табеларен приказ на планирани: настава во природа,екскурзиии и излети**

Екскурзии / Излети	Време на изведување *	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	Септември/октомври 2025	Парк „Гази Баба“ СРЦ /Сарај	I – IXодд.
Еднодневен пролетен излет	Април/Мај 2026	Излетничко место СРЦ-Сарај	I – IXодд.
Еднодневна екскурзија	Април/Мај 2026	Битола	III одд.
Дводневна екскурзија	Октомври/ Мај 2026	Југоисточен дел на РСМ (со престој во Дојран) / западен дел на РСМ Охрид/Струга	VI одд.
Тродневна екскурзија	Октомври/Мај 2026	Западен дел на РСМ (со престој во Струга/Охрид)	IX одд.
Настава во природа	Мај/јуни 2026 (посебна изготвена програма)	Западен дел на РСМ (со престој во Охрид/Струга)	V одд.

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

ИЗЛЕТИ

1.1 ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Носители на активностите:

Одделенски и предметни наставници учениците
од 1 –9 одд.

Место: Парк „Гази Баба„ или СРЦ „Сарај„

Носители на активностите : одделенски и предметни наставници, учениците од I – IX одд.

Воспитно- образовни цели:

Воспоставување, развивање и негување на пријателство;

- Да се развива љубопитност (поставување на прашања и давање на одговор);
- Запознавање со поимот еколошка свест и развивање на еколошка свест;
- Развивање на самостојноста кај учениците, социјализација и колективна заштитапри патување, спортски активности и сл.

Задачи:

- Развивање на позитивен однос кон културните и естетските вредности;
- Градење на еколошки навики;
- Фотографирање на излетничкото место и дел од спортските активности;
- Презентирање на впечатоци од излетот;
- Социјализација, колективна заштита истекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Поттикнување и развивање на чувство на колективност;
- Меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;

ООУ „25 МАЈ„

- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- Создавање навики на здраво живеење.

Раководител на еднодневен есенски излет: Вулнет Салиу - наставник по физичко и здравствено образование.

- **Содржина и опис на активности**: Јасни напатствија околу начинот при патувањето,пристигнување на локацијата и одбирање место за сместување. Запознавање и разгледување на рекреативниот центар, фотографирање. Време за појадување и разговор за првите впечатоци. Изведба на разни спортски активност на ниво на групи (народна топка) исл. Подготовка за заминување од рекреативниот центар. Разговор со учениците за впечатоците од излетот.

ООУ „25 МАЈ"

Одговорен наставник: Јетон Муслиу - наставник по физичко и здравствено образование.

Други вклучени наставници: Сите одделенски раководители.

Ученици - учесници во есенскиот еднодневен излет

Во центарот на об

разовниот процес се учениците од I – IXодд.

Времетраење: Еднодневен есенски излет

3. време на поаѓање во 08:30 часот од пред училишната зграда;
4. враќање во попладневните часови пред училишната зграда).

Време на реализација*: Септември-Октомври 2025 год.

Следење на реализацијата: фотографии, записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија.

Локации за посета и правци на патување: Училишна зграда ООУ„25 Мај“ Гази Баба-Скопје - утврдената дестинација парк

Гази Баба или СРЦ Сарај.

Техничка организација:Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водачи здравствено лице. Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и навработените за службено патување.

Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите.

ООУ „25 МАЈ“

ООУ „25 МАЈ“

1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ Место: Сарај

Спорски рекреативен центар,,Сарај,,

Носители на активностите:Одделенски и предметни наставници. Учениците од I – IX одд.

ООУ „...АЈ„

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕБНАТА 2025/26 ГОД

Воспитно- образовни цели:

- Развивање чувство за одговорност кон природата и заедницата;
- Јакнење на тимската работа и меѓусебната поддршка меѓу учениците;
- Развивање на моторички вештини преку спортски и рекреативни активности во природа;
- Подобрување на комуникациските вештини преку групни активности и дискусии;
- Поттикнување на креативноста преку активности поврзани со природата (цртање, раскажување, изработка на еко-проекти);
- Развивање на способност за донесување самостојни одлуки во нови и природни услови;
- Поттикнување на истражувачки дух и интерес за природни науки;
- Развивање на навики за здрава исхрана и здрав начин на живот;
- Запознавање со значењето на заштитата на биодиверзитетот;
- Поттикнување емпатија и грижа за живите суштества;
- Јакнење на психофизичката издржливост и самодовербата на учениците.

Задачи:

- Развивање на позитивен однос кон културните и естетските вредности;
- Продлабочување на свеста за важноста на тимската работа и меѓусебната соработка;
- Поттикнување на креативноста преку уметнички и спортски активности;
- Почитување на правилата за безбедност за време на престојот на излетничкото место;
- Промовирање на здрави животни навики преку физичка активност и рекреација;
- Поттикнување на одговорност за зачувување на природата и јавниот ред;
- Развивање на комуникациски вештини преку заедничко планирање и презентирање на активности;
- Јакнење на чувството за припадност кон заедницата преку заеднички активности и дружење
- Градење на еколошки навики;
- Фотографирање на излетничкото место и дел од спортските активности;
- Презентирање на впечатоци од излетот;

ООУ „25 МАЈ“

Раководител на еднодневен пролетен излет: Флорим Муртезани - наставник по физичко и здравствено образование
Содржина и опис на активности: Јасни напатствија околу начинот при патувањето,пристигнување на локацијата и одбирање место за сместување Запознавање и разгледување на рекреативниот центар, фотографирање Време за појадување и разговор за првите впечатоци Изведба на разни спортски активност на ниво на групи (народна топка)и сл. Подготовка за заминување од рекреативниот центар Разговор со учениците за впечатоците од излетот Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање исл.

Одговорен наставник: Омер Сулиси наставник по физичко и здравствено образование
Носители на активностите; Сите одделенски раководители и учениците од прво до деветто одд.
Времетраење: Еден ден
Поаѓање во 08:00 часот од пред училишната зграда, а враќање во попладневните часови пред училишната зграда).
Време на реализација*: април/мај 2026 год.
Следење на реализацијата: фотографии, записници и преку извештаи за горенаведениот излет.
Локација за посета: Сарај

ООУ „25 МАЈ"

Начин на реализација: одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;

Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната (лиценцирана) туристичка агенција.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси,туристички

водач и здравствено лице. Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и навработените за службено патување

Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите

1.3 ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III одд– Битола

Место- Југозападниот дел на РСМ

Вид: Научна - наставна

Еднодневна екскурзија ќе се изведе во Мај-Јуни 2026 г. Патувањето започнува од Скопје – Велес – Кавадарци – Прилеп – Битола и спротивно на враќање.

Носители на активности:

Одделенските раководители од III одд Ученици
од III одд.

Воспитно – образовни цели:

Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори;негување на старите културни вредности и обичаи; развивање љубов кон татковината и еколошката свест;

- Развивање позитивен однос кон културните вредности и поттикнување чувства кон зачувување на истите;
- Воспоставување,развивање и негување на пријателство;
- Да се развива социјализацијата, колективната заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе и околината;
- Јакнење на меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик наставник;
- Да се запознаат со градот Битола, да го посетиме куќата на албанска азбука;
- Воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- Да се развива љубопитност (поставување на прашања и давање на одговор);
- Запознавање со поимот еколошка свест и развивање на еколошка

ООУ „25 МАЈ“

- Изучување и истражување на објекти

да развиваат позитивен однос кон хисториските знаменетости и средина; да знаат дека треба одговорно да се однесуваат при прошетка и посета на значајни историски места;

- Градење позитивен однос кон културното наследство на Битола;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање на позитивен однос кон културните и верските вредности;
- Градење на еколошки навики;
- Фотографирање на научно-културни;
- Знаменитости;
- Презентирање на впечатоци од едно дневната екскурзија;

Задачи

- Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување и фотографирање на активностите и природата;
- Обезбедување јасни напатствија за правилно однесување за време на патувањето и при пристигнување на локацијата;
- Посета и разгледување на научно-културни знаменитости;
- Запознавање и анализа на културни вредности и објекти од историско значење;
- Организирана подготовка за заминување од рекреативниот центар со почитување на сите безбедносни мерки;
- Разговор и споделување впечатоци со учениците по завршувањето на излетот со цел развивање на способноста за анализа и самопроценка.
- Посета на научно-културни знаменитости;
- Јасни напатствија околу начинот при патувањето и пристигнување на локацијата;
- Запознавање и разгледување на културни знаменитости;
- Подготовка за заминување од рекреативниот центар;

- Разговор со учениците за впечатоците од излетот;

Раководител на екскурзијата: Арјета Имери - одделенски наставник

Одговорни наставници: одделенските раководители на III-те одделенија

Времетраење: Еднодневна екскурзија

Време на реализација*: април/мај 2026 г.

Следењена реализацијата: фотографии, записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија.

Локации за посета и правци на патување:

Поаѓање на учениците од пред училиште во 07:00 часот

Плитвар каде е предвидено мала пауза од 15 мин
Пристигнување во Битола околу 10:00 часот Одмор и ужина

Посета на Музејот на „Албанската Азбука„

потоа прошетка низ старата чаршија низ познатата улица „Широк Сокак„. Ручек во
14:00 часот Пристигнување во училиштето во попладневните часови (18:00 часот)

Техничка организација: Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички

водач и здравствено лице. Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и навработените за службено патувањеилекарскоуверение непостароод6 месеции потврдадекавозачот невозел12 часапредпатувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа

пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и навработените за службено патување.

ОУ „25 МАЈ„

Начин на финансирање: самофинансирање од страна на родителите **Начин на вреднување и користење на резултатите:**

На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Дојран

Видна екскурзија: научно - наставна

Место- Југисточен дел на РСМ

Локацци за посета и правци на патување:

Дводневната екскурзија ќе се изведе во Мај-Јуни 2026 г. Патувањето започнува во 07:30ч од училишната зграда. Потоа патување низ градовите: Велес – Кавадарци (посета на Стоби стар град) – Демир Капија- Валандово – Дојран.

Враќање – Дојран – (мала пауза во Демир Капија посета на клисурата на Вардар) - Кавадарци – Велес – Скопје, пристигнување пред учишната зграда во 19:00часот.

Воспитно – образовни цели:

- Да се рекреираат и забавуваат учениците ;
- Набљудување и запознавање со природните убавини на нашата земја;
- Запознавање на учениците со градовите:

Пехчево, Водопади во туристичката⎫ населба Равна Река Пехчево,

Берово (Беровско езеро), Струмица (Колешински и Смоларски водопади, Дојран (Вардарски рид и Дојранско езеро, Неготино ТЕЦ Неготино и Кавадарци Стоби, Фени, И ХЕЦ;

- Проширување и развивање на пријателството;
- Поттикнување на учениците за прашување и давање одговори;
- Запознавање со поимот еколошка свест и развивање на еколошка свест;

Задачи:

- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Меѓусебна толеранција, разбирање и почит кон различни културни вредности преку учество во заеднички активности;
- Развивање на позитивни односи кон културно-естетските вредности проширување на знаењата по предметот; географија, нашата татковина, истражување, набљудување и посети;

- Позитивен однос кон животната средина;
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

Содржина и опис на активности: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

- Посета на локалитетите и музеи каде што ќе одат;
- Јасни напатствија околу начинот при патувањето, пристигнување на локацијата;
- Време за појадување и разговор за првите впечатоци;
- Изведба на разни спортски активност на ниво на групи (народна топка)и сл;
- Подготовка за заминување;
- Разговор со учениците за впечатоците од екскурзијата;

Раководител на екскурзијата: Омер Сулис – наставник по физичко и здравствено образован**ие;**

Одговорни наставници: одделенските раководители на VI-те одделенија

00 „25 МАЈ"

Времетраење: дводневна екскурзија (едно ноќевање, два дена). Тргнување во 07.30 часот

Следење на реализацијата:фотографии, патни налози,записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија.

Време на реализација*: Мај-Јуни 2026 г.

Локации за посета и правци на патување:

- **ден:** Поаѓање на учениците од пред училиште во 07.30 часот. Се патува за Велес со панорамско разгледување на градот, запознавање со историјатот на градот. Патот продолжува за Кавадарци, разгледување на убавините на стариот град Стоби. Се продолжува за Дојран. Сместување во хотел со три ѕвезди. Организирана забава во хотел . Ноќевање.
- **ден**: Појадок, посета и разгледување на брегот на Дојранскиот езеро, прошетка низ плоштадот и посета на Саат Кула. Ручек во хотелот. Поаѓање за Скопје преку Кавадарци, Се продолжува за Велес со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамско разгледување и попатни одмори на патот кон Велес се продолжува за Скопје. Пристигнување пред училишната зграда во 19:00 ч

Начин на реализација: Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите.

Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната (лиценцирана) туристичка агенција.

Техничка организација:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување – хотел кој е категоризиран или одговара на условите со 3/4 ѕвезди (соба со најмногу 3 легла, секоја соба има сопствен тоалет и туш, во секоја соба има греење –клима уред/парно, ТВ), wifi, безбедна и разновидна храна, туристички водач и постојана придружба од лекар во текот на патувањето, прошетките и престојот во хотелот. Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и навработените за службено патување и лекарско уверение не по старо од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа.

ООУ „25 МАЈ“

Пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налоги на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации

ООУ „25 МАЈ"

1.5 ТРИ ДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА – Охрид

Видна екскурзија: научно-наставна

Место – Западниот дел на РСМ

Тродневната екскурзија ќе се изведе во Мај-Јуни 2026 г. Патувањето започнува од Скопје– Тетово – Гостивар - Маврово – Дебар

– Струга (Вевчани) - Охрид –Кичево - Скопје

Воспитно – образовни цели

- Усовршување на способноста за: насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на детали и податоци;
- Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Да се негува и развива: индивидуалната, тандемската и групната работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развој на соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-објект;
- Организирање на ученички работилници во корелација со наставните предмети;
- Да се рекреираат и забавуваат учениците;
- Набљудување и запознавање со природните убавини на нашата земја;
- Проширување и развивање на пријателството;
- Поттикнување за прашување и давање одговор;
- Запознавање со поимот еколошка свест;
-

Задачи:

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење;
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина;
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина;

- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Меѓусебна толеранција разбирање и почит кон различни културни вредности преко учество во заеднички активности;
- Развивање на позитивни односи кон културно-естетските вредности;

Содржина и опис на активности:

- Посета на локалитетите и музеи каде што ќе поминат;
- Јасни напатствија околу начинот при патувањето, пристигнување на локацијата;
- Организирање седенка после вечера;
- Разговор со учениците за впечатоците од екскурзијата;
- Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање;
- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците,преку разговори други форми (пишување есеи смени состави, извештаи, описи, изработка наплакати исл.) ќе се добијат по вратни информации;

ООУ „25 МАЈ"

Наставни теми: животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето минато, скокови во далечина,пеење.

Раководител на екскурзијата: Јетон Муслиу – наставник по физичко и здравствено образование.

Одговорни наставници: одделенските раководители на IX одделенија.

Времетраење: тродневна екскурзија (две ноќевања, три дена). Тргнување во 07.30 часот.

Време на реализација*: Мај-Јуни 2026 год.

Следење на реализацијата: фотографии, патни налози, записници и преку извештаи за горенаведената екскурзија.

Локации за посета и правци на патување: 1.ден: Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Тетово каде е предвидено да се посети Шарената џамија и Тетовското кале. Се продолжува кон Гостивар со застанување во Вруток на изворот на реката Вардар. Се продолжува кон Маврово, а од таму по кањонот на река Радика... Се продолжува кон Дебар и кон Струга, каде е предвидена прошетка по брегoвите на реката Црн Дрим и разгледување на градот. Од таму патувањето води кон Вевчани и Вевчанските Извори. Се продолжува кон крајната дестинација за овој ден-Охрид каде се пристигнува во доцните попладневни часови. Следува сместување во хотел со ноќевање и вечера. 2.ден: Појадок. Потоа се оди на претпладневна посета на Наколната населба (Музеј на вода), а потоа кон Свети Наум со разгледување и одмор. Следи враќање во хотел на ручек и попладневен одмор. Попладне кратка посета на Охрид / Струга и прошетка низ старата чаршија / истекот на реката Црни Дрим. Враќање во хотелот на вечера, а по вечерата организирана посета на градот Охрид / Струга. Враќање на полноќ во хотел. 3.ден: Појадок. Потоа следи прошетка во Охрид и посета на Св. Софија, Канео, Плаошник, Самоилова Тврдина, амфитеатарот. Предвидена е повторно прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. По разгледувањето следи враќање во хотелот за ручек и одјавување, односно спремање за враќање преку Кичево со мал попатен одмор на превојот Стража. Оттаму се продолжува кон Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови. Техничка организација: Високо квалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водич здравствено лице. Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и навработените за службено

патувањеилекарскоуверение непостароод6 месеции потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето. Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налоги на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Трошоците на патувањето ги покриваат родителите. Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени, состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл), ќе се добијат повратни информации).

(За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава)

1.6

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД

V ОДДЕЛЕНИЕ

ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Директор,

Раководител на наставата,

_____

_____

ООУ „25 МАЈ“

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Основната цел која сакаме да ја постигнеме со изведувањето на оваа форма на настава е учениците да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина, предзаењата и знаењата што учениците до овој период ги стекнале да се дополнат, дооформат, потврдат и систематизираат.

- Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими во природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа.

- Развивање на способнст за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина на луѓето кои живеат покрај вода, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина.

- Продлабочување проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки.

- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато.

- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики.

- Да се развиваат и негуваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста.

ООУ „25 МАЈ"

ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

Учениците со овој вид настава ќе ги продлабочат знаењата за растителниот свет кој расте и опстојува во Охрид, ќе ги збогатат знаењата за природните одлики и работата на луѓето покрај вода. Ќе го збогатат своето искуство во откривање на нови знаења по македонски јазик преку нтерпретација на четива и усно и писмено изразување на своите доживувања и впечатоци од престојот во Охрид и неговите убавини. Теоретски и практичнo ќе се запознаат и оспособат, преку истражувачки постапки, да прибираат, средуваат и претставуваат податоци, да мерат и пресметуваат должини во природни услови. Учениците ќе сликаат во природа користејќи ги визуелното и тактилното чувство. Своите впечатоци ќе ги изразат преку песна. Ќе се развиваат физичките и моторичките способности кај учениците. Ќе се создаваат навики за негување на редовни физички активности и за почесто престојување во природа. Кај учениците ќе се развие способност за набљудување, перцепирање, воочување на предметите и појавите, сфаќање на меѓусебните врски и односи во природата, а особено на човекот како дел од природата. Ќе се развиваат љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности.

При тоа кај учениците ќе се воспоставаат блиски и непосредни односи меѓу учениците, подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичката заедница. Ќе се негува и развива индивидуалната, тандемска и групна работа меѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста. Уште, учениците ќе се здобијат со работни и хигиенски навики и негување на хумани и другарски односи. Ќе се формираат навики за редовна и правилна исхрана. Наставата во природа ќе придонесе за развивање на смислата за убавото, чување на природата, природните реткости и формирање на навики за организирано, културно користење на слободното време.

ПЛАНИРАЊЕ И УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ

ПОДГОТОВКА

Со Годишната програма за работа на училиштето е планирана настава во природа со петтите одделенија, во согласност со родителите на учениците. На родителските средби родителите ќе одлучат дали да се изведе оваа настава во месец април-мај, а финансирањето ќе биде со самофинансирање на родителите. На оваа настава се очекува да присуствуваат 90% од учениците.

Ќе се водат индивидуални разговори со ученици и родители со цел поефикасна адаптација и социјализација на поедини ученици во колективен живот. Ќе се преземат напори да се обезбеди бесплатен престој на социјалните случаи.

Изработена е посебна програма со конкретизација на содржини, активности и куќен ред, која е во прилог. Изработени се и задолженија за наставниците за слободните активности и слободното време, како и задолженија на учениците за организирање на слободното време во натпревари, квизови и сл.

За реализација на овој вид настава се врши и избор на наставни и технички средства и помагала кои ќе се користат при реализацијата на наставата и активностите и тоа: топки, јажиња, лопатки за пинг-понг, компас, учебници, хамери, ножици, лепило, метро и др. По враќањето од наставата во природа ќе се изврши согледување и проценка од ефектите. Ќе се поднесе и извештај за истото пред Наставничкиот совет.

Наставата во природа ќе се организира со учениците од V одделение за време на воспитно – образовната работа во периодот април/мај 2026 година.

Времетраење - 4 дена, 3 ноќи

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа ќе биде избран по претходно тендерско наддавање во нашето училиште и задолжително треба да има една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за дветгодишно основно образование во Р.С.Македонија.

За непосредна реализација на наставата во природа одговорен е одделенскиот раководител на паралелката. За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето за истите.

ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО ЗА РАБОТА И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Наставата во природа се организира со учениците од V одделение за време на воспитно-образовната работа, во периодот на април / мај во тековната година. Наставата во природа се изведува само со согласност од најмалку 50 % од родителите на учениците во паралелката. Објектите во кои се изведува наставата во природа задолжително треба да имаат најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република С.Македонија. За непосредна реализација на наставата во природа одговорен е одделенскиот раководител на паралелката.

Наставата во природа ќе се реализира во деновите: вторник, среда, четврток и петок во Охрид.

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во времето од 9 до 13 часот.

Содржините и активностите ќе бидат врз основа на Годишната програма и распоредот на часовите за деновите кога се изведува наставата во природа

ООУ „25 Мај"

ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО РЕДОСЛЕД НА ДЕНОВИ

ПЛАН ЗА НАСТАВА

Прв ден	Час 1	Час 2	Час 3	Час 4	Час 5	Час 6	Други активности
	Мајчин јазик	Математика	Историја и општество	Ликовно образование	Мајчин јазик	Математика	- Еколошка акција - Еднократни работилници - Спортска игра - Училишен театар

СОДРЖИНА ПО НАСТАВНИ ОБЛАСТИ

Наставен предмет	Содржина
Македонски јазик	Опишување, прераскажување, раскажување и создавање на кратки текстови. *(Содржините се интегрирани со Историја и општество, Природни науки, Техничко образование и информатика)*
Математика	Броеви и броење Дробки (прави дробки, именител, бројник, мешан број)
Историја и општество	Праисторија и историја Пресметување на времето во историјата (египетски, асирски, исламски, еврејски, јулијански, грегоријански календар)
Ликовно образование	Елементи и принципи во графика: линија, контраст, текстура, форма, композиција Техники за печатење: гравирање, валјак, матрица, печатење, графички лист, монтотипија, калиграфија, линорез, гипсање

ОУ „25 МАЈ"

Физичко образование	Одбојка – техника на сервис од кратки и долги растојанија на ниска мрежа

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Предмет	Стандард
Македонски јазик	Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти (реални и имагинарни)
Математика	Ги споредува и подредува дробките со исти и различни именители користејќи ги знаците „>“, „<“ и „=“
Историја и општество	Го опишува начинот на пресметување на времето според различни календари користени во минатото
Ликовно образование	Користи различни алатки за печатење, поединечно и комбинирано Печати користејќи техника на гипсање/линорез
Физичко образование	Ја применува техниката на школски сервис од кратки и долги растојанија на ниска мрежа

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Содржините се интегрирани со:

- Историја и општество
- Природни науки
- Техничко образование и информатика

РЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИКОТ

Наставникот ги наведува впечатоците по реализацијата на наставните часови – што треба да се промени моментално и во иднина во интерес на учениците.

ООУ „25 МАЈ“

ПЛАН ЗА НАСТАВА

Втор ден	Час 1	Час 2	Час 3	Час 4	Час 5	Час 6	Други активности
	Мајчин јазик	Математика	Историја и општество	Ликовно образование	Физичко обр.	Математика	5. Набљудување на птици и записување на нивните звуци и обрасци. 6. Изработка на дневник на природни набљудувања. 7. Програми за учење за животинскиот свет (следење траги, идентификација на инсекти).

СОДРЖИНА ПО НАСТАВНИ ОБЛАСТИ

Наставен предмет	Содржина
Мајчин јазик	Интерпретација на текстови во проза *(Содржините се интегрирани со Историја и општество, Природни науки, Техничко образование и информатика)*
Математика	Мерење и мерни единици (метар, центиметар)
Историја и општество	**„нови археолошки наоѓалишта во светот“**.
Ликовно образование	цртеж на дрво со лисја, цвеќиња и овошја
Физичко образование	Фудбал – техника на сервис од кратки и долги растојанија

ООУ „25 МАЈ“

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Предмет	Стандард
Мајчин јазик	Ги опишува карактеристичните особини и дејствата на ликовите, како и односите меѓу нив во еден прозен текст.
Математика	Мерење, претвора поголеми мерни единици во помали и обратно
Историја и општество	прикажува и опишува познати археолошки места во светот
Ликовно образование	**„применува техника на засенчување за да ги прикаже сенките на предметите“**.
Физичко образование	Ја изведува техниката на прием и додавање на топката на различни растојанија со внатрешниот и надворешниот дел од стапалото

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Содржините се интегрирани со:

- Историја и општество
- Природни науки
- Техничко образование и информатика

РЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИКОТ

Наставникот ги наведува впечатоците по реализацијата на наставните часови – што треба да се промени моментално и во иднина во интерес на учениците.

ООУ „25 МАЈ“

ПЛАН ЗА НАСТАВА

Трет ден	Час 1	Час 2	Час 3	Час 4	Час 5	Час 6	Други активности
	Мајчин јазик	Математика	Историја и општество	Музичко образование	Физичко обр.	Животни вештини	8. Организирање на пикник со едукација за правилно одлагање на отпадоци. 9. Музичка работилница со звуци од природата (пеење, свирење на природни инструменти). 10. Изработка на уметнички дела од природни материјали (како гранки, листови, камења).

СОДРЖИНА ПО НАСТАВНИ ОБЛАСТИ

Наставен предмет	Содржина
Мајчин јазик	Интервиста *(Содржините се интегрирани со Историја и општество, Природни науки, Техничко образование и информатика)*
Математика	**„прикажување на временски интервали“**.
Историја и општество	**„археолошките населби во нашата земја“**.
Музичко образование	Музичко народно творештво
Физичко образование	Фудбал – техника на сервис од кратки и долги растојанија

ОУ „25 МАЈ“

Животни вештини	Работилница ,,ситуации,,

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Предмет	**Стандард**
Мајчин јазик	создаваат едноставни прашања за спроведување на интервју.
Математика	проценува потребно време во часови, минути и секунди за извршување на одредена активнос
Историја и општество	„ги поставува познатите археолошки локалитети во нашата земја по временски и просторен принцип“.
Музичко образование	Идентификува карактеристичи народни песни и игри, пазни народни ора.
Физичко образование	Ја изведува техниката на прием и додавање на топката на различни растојанија со внатрешниот и надворешниот дел од стапалото
Животни вештини	„учениците да знаат дека за жал децата многу често се жртви на насилство“.

ООУ „25 МАЈ“

МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Содржините се интегрирани со:

- Историја и општество
- Природни науки
- Техничко образование и информатика

РЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИКОТ

Наставникот ги наведува впечатоците по реализацијата на наставните часови – што треба да се промени моментално и во иднина во интерес на учениците.

Слободно време

Организирано користење на слободното време е од 17 часот до 21.30 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

Конкретизација на содржините за активностите во слободното време на учениците

- Поттикнување и пишување дневник од престојот во Охрид
- Опишување, преку лични творби: Јас во Охрид
- Читање на личните творби: Јас во Охрид
- Собирање на личните творби во збирка
- Прошетки во Охрид
- Пешачење покрај Охридското Езеро
- Ликовни творби со мотив од Охридското Езеро

ООУ „25 МАЈ"

- Изработка на плакат: Историски градби во Охрид
- Презентација на плакатот Историски градби во Охрид
- Спортски натпревари

Програма за организирање на слободното време

ВТОРНИК:

- Тргнување во 8:00 часот
- Пристигнување и сместување во одморалиштето и запознавање со Куќниот ред
- Разгледување и запознавање со објектот
- Вечерна програма –„ Добро ни дојдовте“ (забава)

СРЕДА:

- 17:30 до 19:00 часот натпревар во мал фудбал и народна
- 20:00 до 20:30 часот - припрема за вечерната приредба
- 20:30 до 21:30 часот - вечерна приредба (маскенбал)- „Избрираме најдобра маска“

ЧЕТВРТОК:

- 17:00 до 19:00 часот работилница
- Вечерна програма – „Градот Охрид„ (избирање на најдобрата поезија или Есеј)

ПЕТОК:

- од 10:00 до 12:00 часот - другарување и играње на спортските терени
- околу 15:00 часот - Припрема и напуштање на објектот

ООУ „25 МАЈ“

Куќен ред:

- Будење на учениците во 7 часот
- Миење и местење на креветите до 7,30 часот
- Организиран појадок од 7,30 до 8,00 часот
- Преглед на собите од 8,00 до 8,30 часот
- Припрема за настава до 8,45
- Почеток на првиот час во 9,00 часот и завршување во 13 часот
- Припрема за ручек до 13,15 часот
- Организирано ручање од 13,15 до 14,00 часот
- Попладневен одмор за учениците од 14,00 до 16,00 часот
- Ужина во 16,30 часот
- Слободни активности од 17,00 до 18,30 часот
- Подготовка за вечера до 19,00 часот
- Вечерање во 19,15 до 20,00 часот
- Припрема за забава од 20,00 до 20,30 часот
- Вечерна забава од 20,30 до 21,30 часот
- Легнување на учениците во 22,00 часот

Сите активности се реализираат во просториите (внатрешни или надворешни) на објектот/одморалиштето во кој се сместени учениците.

Техничка организација

- Објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весници од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик
- Патувањето ќе биде со автобус со соодветни услови дефинирани во Правилникот за изведување училишни екскурзии и други слободни активности ,дефинирани од МОН

ООУ „25 МАЈ"

Начин на финансирање

Наставата во природа ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите. За оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат во наставата во природа училиштето по можност ќе обезбеди нивно учество и преку други извори. Наставата во природа ќе ја реализира Туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија ,а ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми. За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на петтите одделенија За здравствената состојба на учениците ќе се грижи медицинско лице- лекар кој ќе биде на располагање 24 часа. Учениците ќе бидат лично осигурани за време на патувањето и престојот во

детското одморалиште.

Анализа на настава во природа

По изведувањето на наставата во природа ќе се изврши анализа и ќе се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници.

Забелешка: Програмата може да претрпи корекции, доколку за тоа има потреба, без промена на главната цел, но промените да бидат во функцијата за успешно изведување на наставата во природа во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, иззлетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

Стручен тим за подготовка на

Програмата за наставата во природа

за учениците од V одделение

Раководител на екскурзијата:

Авета Вејсели

ООУ „25 МАЈ"

Напомена*: Екскурзиите кои се организираат за III, V, VI и IX одделение, односно еднодневната екскурзија до Маврово за III одделение, настава во природа за V одделение, дводневна екскурзија за VI одделение, како и тродневната екскурзија за IX одделение , ќе бидат организирани во соработка со партнер училиштето ООУ„ Дане Крапчев“ - Скопје, ООУ „Стив Наумо идр. од општина Гази Баба имплементирани во програмата за МИО и Концепцијата за воннастави активности.

Во соработката со други воспитно- образовни установи (основните училишта од општината), градот и пошироко и ќе се реализираат активности од наставатаи воннаставните активности како што сенатпреваритевознаењеворазниподрачја, ликовни хепенинзии литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посетаи на други институции од интерес за наставата:

- Пошта;
- Зоолошка градина Скопје,Аеродром;
- Автобуска станица;
- Железничка станица;
- Метеоролошка станица;
- ХЕЦ Матка;
- Посетана Планетариум;
- Културни манифестаци;
- Новогодишна претстава;
- Посета и запознавање со работата на општината;
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости;

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од I – IX одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења.

Цели:

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насокана: лично обраќање кон други луѓе;
- Приспособување наговор во дадена ситуација;
- Културно однесување со други луѓе;
- Еколошко однесување;
- Да ги прошират сознанијата за околината;
- Да се оспособуваат;

ООУ „25 МАЈ“

- Занабљудување,опишување и споредување; да се оспособуваат да користат;
- Различни извори на знаења; да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- Да се развива позитивен односи почитување на различни професии;
- Запознавање со училишната средина;
- Да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- Да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- Да ги препознаваат правилата за безбедно движење;
- Да може безбедно да се движи во локалната средина;
- Да ги препознава звуците од природата и околината;
- Да развива хуман однос кон живиот свет;
- Да се развива свест за зачувување на чиста околина;

При реализација на наставата во природа ќе се почитува во целост член 9 од „Правилникот за начинот изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта„

Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:

Арјета Рамадани / кординатор – наставник;
Теута Хаскај Војника / член – наставник
Сањате Бектеши /член
Авета Вејсели - одделенски наставник;
Арјета Имери - одделенски наставник;
Ферди Асани – родител;
Бурим Ибраим – родител;

Директор:

Сузана Курбардовиќ

_____

ООУ „25 МАЈ„

12. Натпревари за учениците

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување на повисоки резултати во одредени области. Придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух, да се зближуваат учениците од разни средини и да се врши правилен избор на талентирани ученици. Тие претставуваат дејност преку која се презентираат успесите на учениците и училиштето поразлични предмети и подрачја на воспитно-образовната дејност. Одговорните наставници самостојно ги определуваат начинот и правилата за натпреварување, како и начинот на пријавување за натпреварите за што транспарентно и навремено ги информираат учениците. Учениците кои ќе покажат најдобри резултати на натпреварите на училишно ниво, потоа треба да го претставуваат училиштето и на натпревари од повисок ранг (општински, градски, државни натпревари), за кои ќе бидат менторирани од страна на наставниците одговорни за одделни наставни предмети. Во рамките на можностите и согласно Правилникот за наградување на ученици, училиштето ќе овозможи симболични награди и дипломи/пофалници за најдобрите ученици. Планот за општински, регионални, државни и меѓународни ученичките натпревари кои ќе се организираат и во кои ќе учествува училиштето во текот на учебната 2025/2026 година . Општествено хуманитарна работа. Општествено-хуманитарна работа во училиштето е планирана активност со однапред изготвена програма за работа. За оваа цел се изготвуваат програми за заштита и чување на природата и околината, организирање на базари, хепенинзи, прослави и одбележувања на значајни датуми, историски часови, Ден на екологија и Отворен ден на граѓанско образование, одбележување на Ден на Општината и Ден на училиштето, учество на учениците во разни хуманитарни акции, кои имаат пошироко општествено значење и помош на социјално загрозени и инвалидизирани лица, работни акции во и надвор од училиштето, уредување на училниците и училишниот двор и сл. Сите активности кои ги планира училиштето се поддржани од ученичката заедница, Училишен одбор и Совет на родители и за секоја активност училиштето изготвува посебна програма. Задачите на општествено-хуманитарната работа е да се развие позитивен однос кон другите, да се негува почит кон работниот човек,чувство на одговорност, развивање работни навики, да придонесе за постапен развој на истрајноста во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, да развива, стекнува и создава љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици, развивање еколошка свест кај учениците.

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 год. се планирани низа активности кои ќе ја вклучат меѓуетничката интеграција во наставата. Меѓу другото, во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни активности како во самото училиште, така и во соработка со партнер училиштето во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички групи од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот.

Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно

разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи.
Учениците ќе имаат можност да ја доживуваат Р.С Македонија како мултикултурна држава во која живеат различни етнички групи со што ќе можат да ги воочат предностите на мултикултурната држава и ќе развиваат свест за прифаќање на различностите и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи.
Училиштето ќе обезбеди простор, време, услови, работна рака и пари и ќе изготви план за сите активности и ќе ги вклучи сите вработени во реализација на гореспоменатите активности. Општината, советот на родители, училишниот одбор, како и членови на месните заедници, невладините организации и бизнис секторот исто така ќе бидат вклучени на најразлични начини: финансиски, материјално и со работна рака во помагањето за реализирање на зацртаните активности.
Покрај споменатите активности ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги споменеме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, натпреварите во пинг понг, бадминтон, есенски крос, атлетика, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани.
Забелешка – Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!
Тим: директор Сузана Курбардовиќ, Сањате Бектеши – предметен наставник, Теута Хаскај Војника – предметен наставник, Дитурие Сејфедини – одделенски наставник.

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Се претставуваат сите проекти (поединечно) кои се реализираат во училиштето и институциите со чија поддршка и помош се реализираат истите. Поточно, се наведуваат: името на проектот, која е целта и исходите од реализацијата на проектот; име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници, временска рамка во која се реализира проектот; средствата за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат и други податоци кои основното училиште смета дека се потребни за претставување).

Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, на водата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Ќе се реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и воннаставни активности, а ќе се вклучат сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и други институции.

Меѓуетничка интеграција во образованието

Како еднојазично училиште, наш приоритет е мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам. За таа цел учествуваме во сите постоечки проекти во државава кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на наставниците и учениците за изведување на заеднички активности. На пример, поддржувачи на вакви активности се МОН, ОБСЕ, МЦГО, МОФ и општина Гази Баба. Директорот на училиштето е вклучен во изработка на Стандарди за интеркултурно образование поддржано од МЦГО. Заедничка грижа за правилно насочување на учениците. Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител – ученик - наставник, со што во образовниот систем ќе се започне со зајакнување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

Активности во рамки на Erasmus+ и Etwinning projects,

Преку оваа платформа, наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, дебатираат, иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуства, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно, нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари, онлајн работилници и семинари. Активностите на е-Твининг поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ-алатки достапни на платформата и изработка на виртуелни проекти. Поради активната вклученост на платформата е-Твининг, училиштето е прогласено за е-Твининг училиште (2021/22година).

Нашето училиште тековно е вклучено во Еразмус+ проекти КА229
Со годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/26 год. се планирани низа активности кои ќе вклучат etwinning проект акртивности во наставата. Меѓу другото, во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни активности како во самото училиште, така и во соработка со партнер училиштета од другите држави во кои ќе бидат вклучени ученици од сите возрасни групи од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот.
Забелешка – Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!

Инклузивно образование

Покана за учество во истражувачки проект за инклузивно образование како пилот училиште со цел да се проучи разбирањето на наставниците на инклузивното образование и факторите кои влијаат на инклузивната практика.

Други проекти:

Исто така нашето училиште ќе аплицира во проекти од МОН и ОБСЕ “Градиме нови мостови”, “Мултикултурализмот во образованието” мал и голем гранд. За малиот гранд соработка со училишта од и надвор од нашата општина.

Во учебната 2024/25 бевме добитници на големиот гранд во соработка со ООУ ”Наум Наумовски Борче” и ООУ “Стив Наумов” реализација на заеднички часови “Математика без граници„ по предметот математика.

Реализација на воннаставни активности со други училишта од нашата општина.

15. Поддршка на учениците

Постигнувањата на учениците се составен дел на извештаите за учениците за нивниот успех и редовност кои редовно се следат и се бележат и воедно се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Анализата на постигнатите резултати ќе ја прави стручната служба.

Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност. Затоа наставниците им даваат поддршка на сите ученици ги третираат учениците рамномправно и правично, ги препознаваат нивните индивидуални разлики и ги земаат во предвид во својата работа. Стручните соработници ја темелат работата врз основа на континуирана опсервација и проценка на напредокот на нивното здравје, нивните потенцијали, силните страни вештините и семејното опкружување. Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците,нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори, ги насочува кон користење на ефикасни техники за учење градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученицина кои преку додатна настава им сеовозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокатa јавност, како на пр. драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби,проекти и сл. За талентираните учемици наставниците организираат секции со цел да се подготвуваат учениците за успешно учество на општински, регионални и републички натпревари. За учениците од завршната година се организираат различни форми на професионална ориентација.

- Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа) Превентивната програма за насилство има за цел да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите.

- Целта на превентивната програма за асоцијално однесување е преку вклучување на учениците со асоцијално однесување во разни активности и проекти и нивно –поуспешно вклучување во училишните активности.

Превентивните програми предвидуваат соработка со МВР и Здравствени институции.

Во рамките на наставата и оваа учебна година ќе се обрне внимание на едукацијата на учениците за нивната безбедност и социјална грижа во која покрај одредени теми кои ќе се реализираат на одделенските часови ќе се вклучат и установи кои ќе дадат свој придонес.

Покрај ова училиштето ќе реализира активности надвор од училиште како посети на институции, објекти, знаменитости.

Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција и оспособување за решавање конфликтни ситуации во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат.

15.1. Постигнување на учениците

Успехот на учениците на крајот на учебната 2024/2025 годд. Среден успех е 4.01

Среден успех од 4-то до 9-мо одделение:
Во четврто одд. деветтолетка среден успех 4.00
Во петто одд. деветтолетка среден успех 4.16
Во шесто одд. деветтолетка среден успех 4.03
Во седмо одд. среден успех 3.84
Во осмо одд. среден успех 3.86
Во девето одд. среден успех 4.50
Од 1-во до 3-то одделение учениците се описно оценети
Високо ниво 356 ученици
Среден ниво 116 ученици
Низок ниво 76 ученици

Споредено помеѓу одделенијата од IV до IX највисок среден успех :

IV/5	**4.49**
V/2	**4.62**
VI/2	**4.65**
VII/4	**4.20**
VIII/3	**4.51**
IX/1	**4.81**

На ниво на училиште направени се вкупно 3751 изостаноци од кои 2945 се оправдани, а 806 се неоправдани за учебната година 2024/2025.

За мотивација на учениците ќе се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавноста со посредство на медиуми (фејсбук профил на училиштето, веб-страница на училиштето, веб страница на општината). На сите ученици кои постигнале добри резултати на натпреварите, на Денот на училиштето, директорот им доделува пофалници за постигнати резулатати и промоција на училиштето.

На крајот на учебната 2024/25 меѓу шест ученици, ученикот Ерди Хаскај од ООУ„25 Мај„ е избран за најдобар ученик на генерацијата при што општина Гази Баба му додели пофалница и парични средства.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Концептот на програмата за ПОП ќе се реализира преку петкратниот модел:

- Самоспознавање :препознавање на сопствените потенцијали, подготвеност за напредок преку настава и учење
- Информации за занимањата и кариерата: подготовка на расположивите информации за занимања на структуиран начин
- Запознавање со патиштата на образованието: запознавање со мрежата на училишта и кариерата која ќе придонесе за носење одлуки за избор на посакуваната струка/занимање
- Во реалниот свет на работата: претставување на занимања, спроведување на тест за реален избор на занимањето
- Носење одлуки за избор на училиштето/занимањето – самостојно,промислено и одговорно носење одлука за избор на училиштето, занимањето

Професионалната ориентација подразбира вклучување и меѓусебно поврзување на сите оние кои имаат одлучувачка улога во развојот на личноста на учениците, вклучени во процесот на донесување одлуки при изборот како и на сите кои се вклучени во професионалниот

развој на учениците. Во реализација на програмата ќе бидат вклучени: родителите, наставниците, стручните соработници. Како носители во реализација на програмата се: училишниот психолог, дефектолог, класните раководители, одделенските и предметни наставници. Реализацијата на програмата ќе се остварува преку редовната и изборната настава.

Програмата ќе ги опфати сите ученици кои посетуваат редовна настава како и учениците со оштетен слух и говор кои посетуваат 8 и 9-то одделение.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште

Планирана програмска Активност	Време на реализација	Реализатор	Целна група	Очекувани исходи и ефекти
Обезбедување од страна на приватна агенција според посебна програма за работа	Во текот на учебната година	Агенција за обезбедување	Учениците	Намалување и превенција на инциденти на насилно однесување и ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедности причини.
Секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи со водење секојдневна евиденција и записи како поминало дежурството	Во текот на учебната година 2025/2026	Сите наставници	Учениците	Превенција од инциденти на насилно однесување
Секојдневни дежурства од страна на ученици со посебно место и задачи на дежурниот	Во текот на учебната година	Ученици од I V – IX одделение	Учениците	Превенција од инциденти на насилно однесување

ученик				
Вклучување во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции	Во текот на учебната година	МВР „Автокоманда“ Општина Гази Баба	Ученици, наставници и педагошко психолошка служба	Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти и намалување на насилно однесување
Организирање работилници за учениците во и надвор од училиштето за справување со конфликти на конструктивен начин	Во текот на учебната година	НВО, училишен парламент, наставници	Учениците	Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти

Задачи: Анализа на безбедносната средина во училиштето; Планирање на превентивни активности; Јасно дефинирање на процедурите во ситуации на насилство; Организирање и промовирање на активностите на училиштето чија цел е заштита на учениците од насилство ; Учество во проекти и сл. Развивање на соработка со институциите кои работат со деца и семејство; Информирање на учениците и родителите за содржините кои се важни за безбедноста ; Известување на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор за реализација на Програмата за заштита од насилство; Промовирање на примери на добра пракса
Задачи на Тимот за превенција на насилството се:
- Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција;
- Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство; - Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;

- Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности;
- Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- Водење и чување соодветна документација;
- Известување на стручните тела и органи во училиштето.
Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта:
И оваа учебна година во нашето училиште се планираат активности како дел од проектот - Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта.
Цели:
Ученикот/ученичката:
• да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност
• да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“
• да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата
• да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата
• да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
• да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција и механизмите преку кои таа делува;
• да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
• да се стави во ситуација во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација
Родителите: да бидат запознаени со учеството на учениците во проектот:
Планирани активности:
Во училиштето ќе бидат спроведи повеќе активности како дел од проектот:
• Спроведување на анкетен прашалник преку кој ќе се проверат-утврдат предзнаењата на учениците за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата
• Запознавање на учениците со терминот корупција, механизмите за заштита и улогата на ДКСК за спречување на корупцијата
• Запознавање на родителите со целите и реализацијата на активностите кои ќе се превземат во училиштето како дел од проектот
• Ликовно и литературно творење на тема поврзана со корупцијата
• Драматизирање и дебатирање на тема поврзана со корупцијата
• Предавање од стручно лице за корупцијата , антикорупцијата и начините за заштита и борба против корупцијата
• Реализација на содржини поврзани со корупцијата во рамките на редовните часови

• Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта

Согласно нацрт записникот од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17.10.2017 година, која се однесува на Информација на активностите за имплементација на клучните мерки под димензијата Антикорупција на Стратегијата на Југоисточна Европа 2020, МОН донесе одлука за дополнување на Годишната програма на училиштата со активности поврзани со антикорупциска едукација.

Цели
Ученикот/ученичката:
• да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност
• да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“
• да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата
• да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата
• да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
• да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
• да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
• да се стави во ситуација во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација
• да се стави во улога на активен граѓанин кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија
Родителите:
• да бидат запознаени со учеството на учениците во проектот
Планирани активности
Во училиштето ќе бидат спроведи повеќе активности како дел од проектот:
• Спроведување на анкетен прашалник преку кој ќе се проверат-утврдат предзнаењата на учениците за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата
• Запознавање на учениците со терминот корупција, механизмите за заштита и улогата на ДКСК за спречување на корупцијата
• Запознавање на родителите со целите и реализацијата на активностите кои ќе се превземат во училиштето како дел од проектот
• Работилница направена од учениците за нивните соученици, наставници и родители

• Анализа од спроведената работилница
• Ликовно и литературно творење на тема поврзана со корупцијата
Драматизирање и дебатирање на тема поврзана со корупцијата
Тим: Директор, Педагошка служба, Теута Хаскај Војника, Дитурие Сејфедини, Анета Цаневска, Игбал Мемиши, Лирије Нишевци.

16. Оценување

16.1 Видови оценување и календар на оценување

Во врска со оценувањето на учениците како и досега и во следнава учебна година ќе има:

Описно оценување на учениците од I - III одд

Учениците од I одделение описно ќе се оценуваат на третото тримесечие и на крајот од учебната година.

Учениците од II и III одделение квартално описно ќе се оценуваат (прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие и на крај на учебната година),

Учениците од IV и V одделение во првото и третото тримесечие описно ќе се оценуваат, а на полугодие и на крај на учебната година ќе се оценуваат бројчано.

Описно и бројчано оценување за учениците од IV - VI одд

Учениците од VI до IX одделение квартално бројчано ќе се оценуваат.

Усното проверување се ќе спроведува континуирано во текот на учебната година, следејќи ги критериумите за оценување од БРО и Кодексот на оценување во училиштето.

Писменото проверување ќе се спроведува континуирано во текот на учебната година според наставниот план и програма и според законот за писмено проверување , а во врска со оптеретеноста на учениците за дневно или неделно писмено проверување (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

За да го спроведеме оценувањето наставниците ќе имаат обврска по својот наставен предмет да ги планираат методите и инструментите на вреднување и оценување на учениците во годишните и дневните планирања, Стручните активи во училиштето ќе ги ускладат критериумите, начините и постапките на вреднувањето и оценувањето, наставниците на почетокот и во текот на учебната година да ги запознаат учениците со начините, постапките и критериумите-стандардите на вреднување и оценување согласно наставниот план и програма, како и со целите и очекуваните исходи, ќе се трудиме транспарентноста во оценувањето да се подобри, а родителите навреме

ќе бидат информирани за оценките. Писмените работи и тестови на знаења ќе бидат давани на увид и на учениците и на родителите и ќе се чуваат во досиејата на учениците.

Во нашето училиште доследно се спроведува формативното и сумативното оценување за кои наставниците на крајот на учебните години даваа извештаи за искуствата од нивната примена. Бидејќи тие беа позитивни и водеа кон подобрување на успехот на учениците, истите ќе продолжиме да ги применуваме

Меѓу оценувањата кои ги користат наставниците се:
• писмено и усно одговарање на прашања поставени од наставникот или од ученицте,
• одговарње на есејски прашања во писмена и усна форма,
• листи за проверка, усни презентации,
• писмени работи и тестови на знаење,
• есеи,
• проектна работа и задачи,
• портфолија.

Сите инструменти кои се употребуваат се во насока на формативно и сумативно оценување и следење на постигањата на ученицте, со зедничка цел за пронаоѓање на проблемите во учењето и нивно полесно надминување, како и формирање на јасна, прецизна и реална оценка на крајот на годината. Задачи на оваа подрачје се;

- Воспоставување на систем за постојано следење и прибирање податоци за планирање на оценувањето и постигањето на ученицте
- Следењето да стане перманетна задача на сите субјекти вклучени во воспитно-образовната дејност;
- Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето;
- Стручно усовршување на наставниот кадар за оценувањето јавно информирање за постигањата на сите субјекти кои се вклучени и заинтересирани за воспитно- образовната дејност;
- Објективно вреднување и оценување на резултатите кои се постигнуваат во наставата;
- Приоритетна задача на училиштето и сите субјекти во него е следењето на оценувањето и воведување етички
- кодекс на оценувањето на ниво на училиште.

Цели на оваа програма се:

1. Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето

2. Зголемена соработка и комуникација на училиштето со родителите и на локалната заедница

3. Подржување на континуитетот и објективноста во оценувањето

4. Примена на разни форми на оценување со почитување на стандардите и критериумите за оценување.

1. Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето

Задачи и активности	Реализализатори и целни групи	Ресурси	Следење, повратна информација	Време на Реализација	Резултати
Планирање на оценувањето	Наставници стручни служби	Програми, планирања. планови	Портфолија, записници од одд. совети, планирања	Август-септември	Усвоена програма, предадени планирања
Следење на процесот на оценување	Директор педагошка служба наставници	Планирања на наставниците	Извештаи, записници	Континуирано	Реализирани посети, изработени извештаи
Анализа на резултатите од следење на оценувањето	Директор , педагошка служба наставници	Наставни планирања за оценувањето	Извештаи записници анализа на податоци	Јануари Јуни	Подобрен континуитет на оценувањето

2. Зголемена соработка и комуникација на училиштето со родителите и на локалната заедница

Активности	Носители	Реализација	Резултати
Планирање на родителски средби и состаноци	Стручна служба, наставници, директори	континуирано	Зголемена соработка со родителите и информираност на родителите

Одржување на средби и Состаноци	Стручна служба, наставници, директори	континуирано	Зголемена соработка со родителите и информираност на родителите

16.2.Тим за следење анализа и поддршка

Тимот за следење - анализа и поддршка ќе го сочинуваат:

1. Стручната служба
2. Двајца предметни наставници: Алма Туша и Игбале Мемиши
3. Двајца одделенски наставници: Валбона Јахии и Несрине Бајрами

Тимот ќе работи според програма која ќе ја изготви во месец Септември, а која ќе содржи активности насочени кон поддршка на учениците во постигање на подобри резултати, поддршка на наставниците кои исто така постигнуваат повисоки резултати во работењето и на оние кои се соочуваат со одредени проблеми во работата.

Во текот на учебната година, тимот ќе прави анализа на состојбите со оценувањето преку користење на инструменти за прибирање податоци, а ќе изготвува и извештаи за постигањата кои ќе бидат јавно презентирани пред наставниците.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар.

Во учебната 2025/2026 година ќе се следат и вреднуваат планирањата и подготовките за наставата. Сите наставници се должни да ги достават новите годишни глобални планови како и првите наставни теми до септември во тековната година. Исто така, секој од нив треба да поседува дневна подготовка за реализација на наставниот час, а 2 од нив ќе бидат предмет на анализа. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници ќе го врши директорот, стручниот соработник, советници од Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе опфати:

- Настава и други видови организирана работа со учениците;
- Следење и оценување на учениците;
- Планирање на наставата, избор на форми, методи и средства за нејзино реализирање;
- Подготовка на дидактички помагала;

- Соработка со родителите;
- Вршење задачи на одделенски раководител и спроведување на ОЖВ работилници;
- Учество во интерно проверување на учениците;
- Водење педагошка евиденција и документација;
- Уредување на кабинети, игралишта сл.
- Оргнизирање културни, спортски и други општо корисни активности со учениците;
- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;
- Подготвување и изведување екскурзии, излети, натпревари, настава во природа и сл;
- Учество во училишни проекти;
- Сертификација.

Стручната служба и директорот континуирано ќе го следат напредокот на наставниците преку Професионално досие за наставниците и стручните соработници.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Во месец ноември 2024 год. се изработи Самоевалуација на училиштето за учебните 2022/24 год. Во нејзино изготвување беше вклучен тим од наставници кој беше формиран на Наставничкиот совет во август - за периодот 2022/24 год. Целта на самоевалуацијата е согледување на клучните јаки страни и надминување на слабите страни за реализација на воспитно образовната работа. За особена посветеност во работата во програмата Еко-училиште, за достигнувањето во едукацијата за одржлив развој и еколошки манаџмент и постојано подобрување на активностите од областа на заштитата на животната средина во училиштето и поширокаата заедница на нашето училиште ни е доделена ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН СЕРТИФИКАТ- Еко-училиште наградено со зелено знаме.

Преглед на тимовите за евалуација на работата на училиштето за учебната 2022/24;

Ред.Бр.	Подрачје	Членови на тимот за евалвација
	Членови на комисија	1. Флорије Дика психолог – Кординатор 2. Сузана Курбардовиќ - Директор 3. Теута Хаскај Војника - нас. по германски јазик 4. Анета Цаневска – нас. по македонски јазик 5. Ферди Асани пред. на совет на училиште
I.	Планирање, настава и учење	1. Дитурије Сејфедини - кординатор 2. Вилдане Сулејмани 3. Ганимет Кадриу 4. Валбона Јахии 5. Вехби Амети 6. Хајрула Емини
II.	Постигања на учениците	1. Турчијане Граждани– координатор 2. Лирије Имери Нишевци 3. Хава Доко 4. Арјета Имери 5. Хабибе Нухиу Игбале Зеќири
III.	Училишна клима и односи во училиштето	1. Теута Хаскај Војника– координатор 2. Флорије Алији 3. Алма Туша 4. Мирвете Зендели 5. Рамадан Салих 6. Нерџиване Дема Рамадани

IV.	Управување, раководење и креирање политики	1. Флорије Дика – координатор 2. Мерита Алили 3. Игбале Мемиши 4. Ајсер Гаши 5. Азиз Куртиши 6. Мирсад Алија

17. Безбедност во училиштето

(Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави и слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште, курсеви за прва помош и заштита итн.).
Во училиштето сите заедно ќе се залагаат за безбедост во наставниот процес и воннаставите активности. Училиштето ќе обезбеди чувство на сигурност, а сите присутни во училиштето како и во училишниот двор. Основна цел на безбедноста е сите учесници во воспитно-образовниот процес да се чувствуваат згрижени, заштитени од сите видови опасности. Во нашето училиште постојат ПП апарати од типот S-9 (24), S-50 (2) и од типот CO2-5 (2) за превенција при пожари и екплозии. Исто така се планира да се доградат безбедносни надворешни скали за спасување. Во училиштето постои Правилник за заштита од пожари и експлозии и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Исто така постои Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции (Службен весник на РСМ бр.48/06).

Овој Правилник се применува на сите основни институции во Република Северна Македонија.
1.2. Цел

- Зголемување на личната и колективната подготвеност за самозаштита при природни непогоди (земјотреси, пожари, поплави, снежни непогоди) и технолошки несреќи (експлозии, опасни материји, сообраќајни инциденти, епидемии).

2. Содржина на обуката
2.1. Наставни теми се вклучуваат во редовни часови:

- **Природни непогоди**: земјотреси, поплави, снежни наноси, громови, атмосферски катастрофи;
- **Технолошки инциденти**: пожари, експлозии, опасни материи, сообраќајни незгоди;
- **Епидемии и заразни болести** кај луѓе, животни и растенија.

2.2. Воннаставни активности:

- Вежби и симулации (евакуација, користење на апарати, прва помош);
- Учествување во регионални/државни натпреварувања по самозаштита;

- Наставно-научни екскурзии со практична примена на вештините.

3. Методика на реализирање

- Интеграција на теми во урбани учебни програми и часови (географија, биологија, граѓанско воспитување итн.);
- Организација на практична обука: најмалку една крупна вежба (евакуација или превентивна акција) годишно;
- Оценување на учениците преку тематски тестови, пресретување на воннаставно кредибилни активности и учество.

4. Организација и одговорности

4.1. Наставничкиот Совет:

- Одобрува годинашниот план за самозаштита;
- Ја организира вклученоста на стручни наставници и надворешни партнери (Цивилна заштита, Итна помош).

4.2. Наставници:

- Изготвуваат и реализираат соодветни часа и вежби;
- Евидентираат присуство и оценка.

4.3. Одговорно лице (координатор):

- Координира обука, врши извештај до директорот и го ускладува правилникот со актуелните закони.

5. Евиденција и контрола

- Секој извештај вклучува: датум, тема, број на учесници, анализа;
- Завршен извештај по секоја голема вежба до годишен извештај на институцијата.
- Инспекциските органи (Министерство за образование, ДЗС) ќе вршат контрола по правилник.

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СИМУЛАЦИИ И ВЕЖБИ ЗА САМОЗАШТИТА

За учебната година: 2025/2026

Одобрено од: Училишен совет / директор

Изработено врз основа на: Правилник за самозаштита (Сл. весник на РМ бр. 48/06).

1. Цели на вежбите

Запознавање на учениците со протоколи при земјотрес, пожар и евакуација.

Развивање навики за самоорганизирано и безбедно напуштање на објектот.

Обука за користење на противпожарна опрема и основи на прва помош.

Зголемување на психофизичката подготвеност при вонредни состојби.

3. План на симулации и практични вежби

Активност	Време на реализација	Учесници	Одговорни лица	Партнери	Забелешки
Теоретски час за самозаштита	септември	Ученици I-IX	Класни раководители	ДСЗ, Црвен крст, Воена академија	
Симулација на евакуација при земјотрес	октомври	Сите ученици и вработени	Координатор, наставен кадар	ДСЗ, Црвен крст	
Вежба за гаснење пожар со апарат	август - ноември	Избрани одделенија	Наставник по физика/хемија	БЗР	
Прва помош, обука и демонстрација	јануари	Ученици IX	Наставник по физичко обр.	Црвен крст	
Симулација на евакуација	март	Цела институција	Координатор, наставнички кадар	Противпожарна единица +ДЗЦ, БЗР	
Преглед на опремата за самозаштита	мај	Администрација, технички персонал	Координатор за безбедност	Надворешно стручно лице	
Ревизија и извештај за изведени вежби	јуни	-	координатор		

3. Методологија и подготовки

Пред секоја вежба се организира состанок со учесниците и пробна обука.
Сценаријата се разработуваат однапред, со определени улоги (повреден, водич, пријавувач итн).
Вежбите се снимаат/документираат за анализа и подобрување.

4. Евалуација и извештај

По секоја вежба се составува писмен извештај со: датум и време на реализација, број на учесници, кратка анализа на спроведувањето, потврда за соработка со институциите, забелешки и препораки.
Извештаите се чуваат во архивата и доставуваат до Министерство/инспекција при барање.

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето ќе се одржува како и досега од страна на техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени.

Значајна улога ќе имаат одделенските раководители и сите останати наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Исто така не помалку значајна улога треба да превземат и родителите.

18.2. Систематски прегледи

Систематски прегледи	Одделенија кои ќе бидат опфатени со систематски преглед	Реализација (пред или после наставата)	Во придружба:
Систематски прегледи	I-во одд. III-то одд. V- то одд.	Пред наставата	Класен раководител и родител
	VII- мо одд.	Пред наставата	Класен раководител
Систематски преглед на заби	I- во одд IV- то одд	Пред наставата	Класен раководител и родител
	VII- мо одд	После настава	Класен раководител

18.3. Вакцинирање

(Се наведува кои ученици се опфатени со календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето (според насоките од Министерството се забранува вакцинација во училиштата поради несакани ефекти).

Вакцина	Одделенија кои се опфатени	Одговорно лице
Дите и полио МРП	I- одд II- одд III- одд IX- одд	Психолог/одделенски наставици

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Исхраната е еден од најважните фактори за правилен раст и развој на децата и има големо влијание врз работните способности на учениците. При спроведување на правилна исхрана во училиштата неопходно е познавање на основните принципи на правилната исхрана:

- Рационална исхрана
- Умерена исхрана
- Разновидна или мешана исхрана
- Рамномерна исхрана
- За да се исполнат овие принципи големо влијание имаат одредени фактори и критериуми.

ФАКТОРИ

- возраста на децата,односно потребата на организмот(количината која се припрема)
- економските можности
- културни навики во исхраната

КРИТЕРИУМИ

- естетски-кој што претставува правилен начин на сервирање како и привлечен начин на јадењето(при што поволно влијание би имало врз децата односно врз нивниот апетит-со што би се поттиклале да јадат)
- санитарен критериум-кој подразбира микробиолошка исправност на продуктите кои се користат во исхраната кај децата(обрнувајќи внимание и на радиолошката и хемиската исправност на продуктот.

ЦЕЛИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИСХРАНА

- Правилна исхрана на децата
- Поттикнување на децата за размислување за здравата храна како и нејзино конзумирање
- Разговор со родители и ученици во врска со исхраната во училиштето
- Соработка на комисијата за исхрана со родителите со цел изнаоѓање на решенија околу исхраната на децата(доколку е потребно)
- Спроведување анкета на учениците во врска со нивните желби за топлиот оброк
- .Во врска со менито кое го имаат-за две недели е различно(при завршување на втората недела пак се започнува од првата недела).
- Учениците во класична настава се хранат со ужина, за време на големиот одмор.
- Доколку учениците одат на екскурзија добиваат ланч-пакет, истиот го добиваат и за Нова година како и за последниот училишен ден.

АКТИВНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИСХРАНА

Комисијата за исхрана има за цел да се состане пред почетокот на учебната година со цел да одреди мени, термини кои ќе важат до крајот на учебната година во врска со влегувањето во кујна-односно правење на распоред за учениците при исхрана во кујната, при што треба да се придржуваат на временскиот интервал како и термин кој им е даден. Комисијата за исхрана ќе одржува состаноци секогаш кога ќе има потреба, односно во текот на учебната година, одговорните на генерации.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно – образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето, за учебната 2025/2026 година, предвиден е состанок на Наставничкиот совет за да наставниот кадар ги детектира негативни појави забележани во начинот на однесување на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во претходниот период. Ќе се изведат заклучоци на состанокот и ќе се изготви план за подобрување на училишната дисциплина.

План за подобрување на училишната дисциплина:

Изготвување на листа на дежурни ученици во училиштето-целта е контролирање на движењето на надворешни лица посетители на училиштето; носители на активноста се ученици од 6-то до 9-то одделение; време на реализација е текот на цела учебна година.- Изготвување на листа на дежурни ученици по одделенија-контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите; носители на активноста се ученици од 6-то до 9-то одделение; време на реализација е текот на цела учебна година.

Изготвување на листа на дежурни наставници во двете смени – контролирање на однесувањето на учениците за време на одморите; носители на активноста се наставници од предметна и одделенска настава; време на реализација е текот на цела учебна година. Исто така изработен е распоред на дежурни наставници, заради воспоставување на поголема контрола во училиштето (во училниците, ходниците, санитарните јазли и сл.). Напомена: распоредот на дежурни наставници е дел од прилозите. Тековно во рамките на секоја работна недела се изработува и распоред на дежурни ученици во училиштето кои го контролираат влегувањето на сите надворешни посетители на училиштето. Тие вршат и писмена евиденција на тековните збиднувања за време на одморите. Контролата на движење и активности во училишниот двор ќе се обезбеди преку постоечкиот систем за видео надзор.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето:

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот момент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот. Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во прилог на тоа во училиштето ќе се превземаат следните активности:

- одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор.

- Во училиштето главна цел е преземање активности за зачувување на животната и работната средина и нејзино естетско и функционално облагородување. Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози.

19.3. Етички кодекси:

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено Етички кодекс за однесување на наставниците, Етички кодекс за однесување на учениците, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО. ОВИЕ ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЌЕ ГО ПОДОБРАТ КВАЛИТЕТОТ НА УЧИЛИШНИОТ ЖИВОТ СО ШТО СИТЕ ЌЕ СЕ ЧУВСТВУВАМЕ ПОБЕЗБЕДНО И ПОПРИЈАТНО ВО УЧИЛИШТЕТО

- Во училиштето доаѓај редовно навреме;
- Биди пример со твоето пристојно и удобно облекување;
- Води грижа за својата лична хигиена;
- Води грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор, отпадоците фрлај ги во корпа;
- Чувај го училишниот имот, за направената штета ќе бидеш одговорен;
- Подгответе ја училницата за час, а по завршување на часот, училницата оставете ја уредна, без отпадоци и проверете дали сте заборавиле нешто;
- Разубавете ја училницата, направете пријатен амбиент за учење;
- Биди подготвен, внимателен и активен на часовите;
- Секогаш кога нешто не ти е јасно прашај го наставникот;
- Барај да бидеш јавно оценет и секогаш да го знаеш резултатот од својот труд;
- Сослушувај, кажи го своето и почитувај го мислењето на другиот;
- Биди искрен и добар другар, помогни му секогаш кога е во неволја;
- Времето што го поминуваш во училиште нека ти биде исполнето со многу нови сознанија и убаво другарување;
- Твоето мислење и твоите предлози остави ги во сандачето за предлози и забелешки.

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

ОСНОВНИ ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНОИОТ КАДАР ВО УЧИЛИШТЕТО ЦЕЛТА НА ОВИЕ ПРАВИЛА Е ДА СЕ ПОСТИГНЕ ПОЗИТИВНА КЛИМА ЗА ПОДОБРА И ПОКВАЛИТЕТНА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Воспитно – образовниот кадар треба да се насочува кон:

- Перманентно подобрување на сопствената работа и работната средина;
- Професионален однос
- Конструктивно справување со конфликти
- Почитување на индивидуалните разлики и мислења
- Одржување на работната етика
- Позитивна коректна комуникација (вербална и невербална)
- Практикување на тимската работа

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија. Создавањето стимулативни општествени и професионални услови за професионален развој во наставничката професија значително ќе го промени односот на наставникот кон сопствениот професионален развој.

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и секојдневните потреби во воспитно – образовниот процес. Тоа е лик на наставник, богат на општо образовно и стручно поле, оспособен и мобилен на планот на стекнување потребни вештини за успешно реализирање на неговата професија. Значи, наставникот ќе мора, покрај стекнувањето на формалното образование и постојано стручно и професионално да се усовршува.

ООУ „25 МАЈ“ – ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ

20. Професионален развој на воспитно – образовниот кадар

За да обезбеди квалитетна образовна настава, училиштето планира професионален развој на воспитно-образовниот кадар кое подразбира стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции.

Брз основа на член 15 од Законот на Основното Образование (Службен Весник на РСМ, бр. 161/19 и 229/20), Наставничкиот Совет на ООУ 25 Мај, Гази Баба – Скопје, донесе одлука за процедурата за оддржување на настава од далечина за ученици што подолго време отсуствуваат од настава. Доколку има потреба од држење на настава од далечина, наставниците веќе се усовршени со семинари и обуки, што беа организирани од страна на МОН, БРО, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА и други владини институции, невладини институции и организации. Приоритетите кои беа нагласени, за непречено реализирање на настава од далечина се следните:

- Обука за користење Дигитални едукативни материјали прилагодени на наставните единици.
- Дидактички насоки за реализација на настава на далечина, согласно наставните програми
- Обука за платформи прилагодени за проверка и тестирање на знаењата на учениците.
- Тимот за професионален развој на образовниот кадар, од направената анализа на потребите на наставниците од дополнителни обуки и релизираните активности во минатата година, ги издвои следните теми (компетенции) кои остануваат да се реализираат во оваа 2025/2026 учебна година.

Тим за професионален развој се: Азиз Куртиши, Теута Хаскај Војника, Дитуније Сејфедини, Алма Туша и Валбона Јахии.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец Септември.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

Во овој дел ги наведуваме сите училишни и интерни програмски определби кои придонесуваат за професионален развој и стручно усовршување на стручните соработници и наставници. Покрај нив, активно ќе учествуваме и на сите семинари и едукативни работилници организирани од МОН, БРО или други невладини организации.

Планирани активности	Цели	Реализатор	Време на реализација	Методи и постапки за реализација
Формирање на тимови кои ќе вршат обука на наставниците	Поголема ефикасност во работата,	Наставни-ци и ученици	Септември	Успешно функционирање на тимот
Идентификација за деца со посебни потреби	Препознавање на посебните образовни потреби на учениците	Наставни-ци и ученици Дефектолог Тимот за професионален развој	Септември-ноември	Успешно препознавање и помагање на учениците со посебни потреби
Изведување настава и активности со знаењата стекнати од обуките	Прилагодување на наставата на потребите на учениците	Наставни-ци и ученици Тимот за професионален развој	Февруари-јуни	Организирање на работилници
Следење на постигањата на учениците со посебни потреби Дебати,трибини,размена на искуство	Прилагодување на наставата на потребите на учениците	Наставни-ци и ученици Дефектолог Тимот за професионален развој	Февруари-јуни	Презентација
Ефективно училиште и професионален развој	Проучување и разработка на професионалниот развој како една од карактеристиките на ефективно училиште	Тимот за професионален развој	Март	Усна презентација на тимот

Изработка на извештај за постигнатите резултати и правење на анализа за потребите за професионален развој	Презентација на постигањата	Тимот за професионален развој	Мај	Воочување на потребите за професионален развој

20.2. Активности за професионален развој

ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Вид на активност	Цел	Време на реализација	Носители
Изработка на план за професионален развој	Следење на професионалниот развој на наставниците, стручната служба и директорот	Јули	Тим за професионален развој
Евидентирање на реализираниот вид на професионалниот развој во Училишната база на податоци Педагошкиот картон на наставникот; Професионалното досие	Утврдување и дополнување на базата со податоци	Август	Тим за професионален развој
Самостојно следење на стручна и прирачна литература	Унапредување на стручното знаење	Во текот на учебната година	Наставници Стручна служба Директор
Вклучување на училиштето во проекти и семинари кои промовираат индивидуален пристап кон ученикот	Едукација на наставниците, стручната служба, директор за усовршување на стручното знаење	Во текот на учебната година	Наставници Стручна служба Директор
Опсервирање на јавни часови кај свои колеги од училиштето	Подобрување на квалитетот на наставата	Во текот на учебната година	Наставници
Едукација на наставниците за работа со талентирани ученици.	Унапредување на стручното знаење	Ноември-декември	Дефектолог Психолог

Партнерство со други училишта од општината и пошироко	Размена на идеи и искуства	Во текот на учебната година	Наставници Стручна служба Директор
Посетување на on-line курсеви од областа на интерес	Унапредување на стручното знаење	Во текот на учебната година	Наставници Стручна служба Директор
Планирање на дополнителната, додатна настава и воннаставни активности	Подобрување на квалитетот на наставата	Во текот на учебната година	Наставници Стручна служба Директор
Изработка на квалитетни годишни и тематско-процесни планирања	Подобрување на квалитетот на годишните, тематско процесните и дневните планирања на наставниците	Август	Наставници Стручна служба Директор
Планирање на оценувањето	Подобрување на етичноста во оценувањето	Август	Наставници Стручна служба Директор
V.Б.2. Развива ефективна соработка со семејствата и членовите на заедницата во работата на училиштето	Улогата на родителите во образовниот процес. Зајакната соработка меѓу родителите и училиштето	Во текот на учебната година	Родители и наставници
II.А.3 Познава современи стратегии за реализација на наставата	Збогатување на знаењата за активна настава со техники	Во текот на годината	Наставници Стручна служба Директор

20.3. Личен професионален развој

- Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат.
- Министерот донесува годишна програма за обуки за стручно усовршување на наставниците до крајот на месец јануари за тековната година.
- Предлог годишната програма за обуки за стручно усовршување ја изработува и предлага Бирото во соработка со Центарот и Државниот просветен инспекторат.

20.4. Хоризонтално учење

	Активност	Реализатори	Време
1	Поддршка на наставниците во избор на ученици за ученичка заедница Прирачник за ,,Демократско учество на учениците во училиштето“.	**Училишен тим за меѓуетничка интеграција**	**Септември**
2	Поддршка на наставниците за изведување активности со ученици од различен етнички состав Работилници од Прирачникот за Активности за заедничко учество на учениците со мешан етнички состав,,	**Училишен тим за меѓуетничка интеграција во соработка со партнер училиштето**	**септември октомври**
3	Менторства и сертификација	**Определени наставници ментори**	**Континуирано**
4	Стратегии за намалување на малтретирање и сајбер насилство	**Училишен тим за ненасилно однесување**	**Ноември**

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Наставниците во основните и средните училишта може да напредуваат во звања

Категоријата наставник се добива со полагање на стручен испит за наставник. Наставникот може да напредува во звањата наставник-ментор и наставник-советник.

Професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник-советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот на предлог на Бирото и Центарот. Бројот на наставници кои може да се стекнат со звања наставник-ментор или наставник-советник за секоја општина, општина во градот Скопје, односно град Скопје за секоја фискална година го определува министерот, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители и нивно вклучување во проектните активности. Соработката со локалната средина ќе се оствари преку редовни средби на Советот на родителите на училиштето, на Советите на родителите на паралелките и на Училишниот одбор. Целта на оваа соработка со локалната средина покрај останатото ќе биде: мотивирање на родителите за проширување и продлабочување на соработката, нејзино интензивирање, промена на ставовите на родителите кон училиштето, подигање на нивото на педагошките знаења на родителите и поттикнување на месното население на работни акции од локален карактер. Родителите и локалната самоуправа ќе го остварат своето влијание врз училиштето во сите области на неговата работа преку работата на Училишниот одбор. При организирањето на разновидни манифестации за одбележување на: државни празници, јубилеи, годишнини на познати историски дејци и друго училиштето ќе соработува со локалната средина. Ќе се организира одбележуваање на Денот на училиштето преку повеќе пригодни манифестации меѓу кои и свечена академија. Исто така училиштето со своја програма ќе учествува на слободните ученички активности, ќе организира посети на кино, театарски претстави, изложби, музички манифестации, галерии и музеи.

Во животот и работата на училиштето Советот на родители по претходно изготвена програма за работа, ги детектира состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, дава сопствени идејни планови за организирање на активности во училиштето. Исто така Советот на родители ги поттикнува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

Во процесот на учење родителите и покрај тоа што се вклучени со нивните мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања, даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развојот и посебно ја поддржуваат соработката за напредување на учениците-таленти (професионална и стручна помош од страна на родителите за истите). Семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат

поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

За активностите во училиштето родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и др. За поголема вклученост на семејството во училиштето, тоа организира едукативни работилници за родители, Типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакети, брошури, училишни весници. Организира советодавно- консултативни работилници-индивидуални и групни, посета на семејства и др. Постојат многу начини и идеи за поголема вклученост на семејството во активностите на училиштето. Некои од нив се:

1. **Отворен ден за родителите** –

1. Мојот/мојата – татко/мајка знае (на одделенски час или на некој друг час чија материја е соодветна со предавањето, родител одржува предавање на учениците за својата професија-родителот е во улога на наставник)

2. “ Кај мојот дедо “ – заедничка посета (ученици и родители) на фарма (за ученици од одделенска настава)

3. Организирање на спортски натпревари по повод патрониот празник (или други празници) помеѓу родители и наставници, а во улога на навивачи се учениците со цел да се развие другарувањето и спортувањето меѓу учесниците

4. Добротворна акција за собирање пари и облека- “ Ние сме хумани, а вие? ”- организатори на целата акција се родителите и одделенските или класните раководители. Во одреден ден родителите (по еден претставник од родителите од секоја паралелка заедно со одговорните наставници паричните средства ги собираат и по договор ги префрлаат на сметка на некоја институција како хуманитарна помош, а собраната облека ја предаваат во Црвен крст).

5. Работна акција за уредување и чистење на дворот и непосредната околина на училиштето (наставници, ученици, и родители)

6. По повод празникот на жената 8 ми Март се организира акција изработка на ракотворби под името “ Мојата мајка / баба и јас умееме “ кои потоа на аукција ќе се продаваат, а средствата се повторно за хуманитарни цели или за санирање на некој недостаток во училиштето

7. Организирање на заеднички излет на паралелките заедно со родителите на учениците под мотото “ Ајде да се дружиме и другаруваме “. Се спроведува на тој начин што секој одделенски и класен раководител на паралелката во соработка со претставниците на Советот на родители се договараат, организираат и одат на заеднички излет во непосредната околина на градот.

8. Организирање на Училишна-Образовна Програма по повод 22-ри Ноември Ден на Албанската Азбука и 28-ми Ноември, ден на Албанското знаме.

9. Организирање на активности по повод 7-ми Март, ден на Албанскиот наставник,

10. Организирање на активности по повод денот на буквите (месец Мај) идр.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

- преку Советот на родители
- преку групни и индивидуални средби со наставници
- преку стручната служба на училиштето
- преку Е-дневникот

Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.

Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

Во активностите во училиштето ќе бидат земени во предвид дадените предлози од стана на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата, промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

Во донесување одлуки

Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.

Активности	Извршители	Време
Информирање на родителите за меѓусебните права и обврски на родителите, учениците и училиштето: · Обврски што произлегуваат од законските прописи на основното образование и воспитание; · Посебни права, обврски и одговорности на учениците, нивните родители и училиштето · Запознавање со годишната програма на училиштето	директор, психолог, педагог, наставници	учебна година 2025/26
Вклучување на родителите во подрачјето грижа за здравјето на учениците, за подобрување на условите за работа (хигиена во училиштето, училниците, ходниците, училишниот двор и други простории)	родители, наставници, педагог, психолог	учебна година 2025/26
Вклученост на родителите во следењето на субјективното оптоварување на учениците; · осовременување на наставата преку запознавање на формите и методите и информирање за проверувањето и оценувањето на знаењата на учениците.	родители, наставници, психолог, педагог	учебна година 2025/26
· Соработка со семејството и училиштето	психолог, педагог, наставници	учебна година 2025/26
Вклучување на родителите во воннаставните активности : предметна настава (слободни активности за стекнување знаења слободни културно-уметнички активности и технички активн.); одделенска настава(секциите што се застапени во паралелката)	родители, наставници,	учебна година 2025/26
· Организирање и изведување на заеднички прослави (Нова година, Патронат на училиштето и др.)	родители, наставници, ученици	По договор
· Анализа на работата на училиштето во текот на целата учебна година.	директор, психолог, педагог	учебна година 2025/26

21.3. Едукација на родителите/старателите:

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето редовно организира манифестации, хепенинзи, забави со цел да се интензивира соработката меѓу установите и училиштето на локално ниво и да се поттикне и развие меѓусебната соработка.

Локална заедница:

Со цел поголема промоција на училиштето во јавноста, како и за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, во текот на учебната година се планираат состаноци, разни средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување. Училиштето соработува со Општината при реализација на разновидни активности: реализација на еко - програмата, разни собири и здружувања за одредени случувања во училиштето, одбележување на патрониот празник на училиштето, приемот на првачиња во Детската организација, отворени денови, промоција на активности за меѓуетничка организација, соработка со бизнис заедницата, посети на градоначалник, едукативни центри и институции во Општината.

Институции од областа на културата

Учениците континуирано ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси, ќе посетат изложби, културно-историски споменици, а во планирањата на наставниците вклучени се и организирани посети (виртуелно и со физичко присуство) музеи, кинотеки, театри, детски фестивали, саем на книгата и друго.

Институции од областа на образованието

- Училиштето има соработка со:
- МОН при доставување на годишната програма на училиштето, годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувања и новини кои произлегуваат од Министерството.
- БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и друго.
- Општината преку општинскиот инспектор, советници и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни прослави
- Основните училишта за наставни и воннаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, конкурси и др.).

- Средните училишта за професионална ориентација на учениците и промотивни и едукативни активности на средните училишта.
- Невладини организации.
- Училиштето има соработка со невладиниот сектор на државно и меѓународно ниво: Советодавен центар за деца и родители, UNICEF, ОБСЕ.
  Скопје, Црвен Крст на град Скопје и друго.

  Спортски друштва

- Здравствени организации
- За грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените и за реализација на програмата „Грижа за здравјето на учениците“, училиштето има соработка со: Здравствениот дом „Ченто“, здравствени установи во близината, Центарот за социјални грижи, осигурителни компании и друго.
-

  Медиуми

  Промоцијата на училиштето се врши преку соработка со медиумите. Поважни активности од наставната и воннаставната работа ќе бидат објавувани во општинскиот весник, како и во други дневни и неделни печатени медиуми. Ја продолжуваме соработката со телевизиските куќи во емисии од областа на образованието. Исто така, јавноста континуирано се информира за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето (SH.F.K 25 MAJI),училишната веб-страна (www.25maj.edu.mk)

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
Унапредување на професионалните компетенции на Наставниот кадар, стручната служба и другите вработени во училиштето преку следење на современи текови и тенденции; креираме дигитални иновации во училиштето и грижа за здравјето и добросостојбата на учениците и наставниците (позитивно учење – образование).	Преку одговорни лица за планирање и реализација; Извештаи за спроведените активности; Записници од состаноци на сите инволвирани; Анкети; Набљудување и повратни информации; Чек листи и листи за следење на планираните активности.	Директор Стручна служба Раководител на подрачно училиште Домаќин на Училиштето	Вработените Учениците Советот на родители Училишниот одбор Општината МОН

Осовременување на воспитно-образовната работа преку подобрување на просторните услови во училиштето (кујна со трпезарија, спортска училница, фискултурна сала, доградба на училници)	- извештаи - реализација на проектите	Директор Раководител на ПОУ Надзорен орган	Учениците Наставниците Советот на родители Училишниот одбор Општината
Демократска партиципација на учениците во парламентот	Присуство состаноци на ученички парламент Планот на тимот за граѓанско -програма за работа на ученичка заедница -ученички иницијативи - апликации -акциони планови -извештаи	Директор Стручна служба Тим за поддршка на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител	Учениците Наставниците Советот на родители Училишниот одбор БРО МЦГО Општина
Унапредување на квалитетот на наставата	-посета на часови -формулар за следење на час -наставнички портфолија -електронски ученички портфолија Следењето ќе се одвива во текот на целата учебна година	Директор Стручна служба Наставници Тим за ИКТ	Учениците Родителите Наставниците БРО МОН

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

(Во овој дел треба да се наведе на кој начин ќе се реализира евалуацијата на активностите предвидени со годишната програма за работа на основното училиште. Процесот на евалуација го зема предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. Во овој процес посебно внимание се обрнува на собирањето докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите можат да се соберат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти).

Заклучок

Годишната програма за работа на училиштето има за цел систематски, преку тимска работа, да ги определи целите кои ќе го водат училиштето кон постигнување на образовните стандарди и критериумите за квалитетно образование.

Во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 година, се содржани поглавја од информативен карактер за учениците и персоналот, но и за наставата и воннаставните активности. Водечките приоритети, цели и операционализирање на активностите се дел од програмите за работа на директорот, стручните соработници, училишни органи и тела.

Во минатата учебна година, реализирани се програмските цели кои се базираат на наставните и воннаставните активности на училиштето. Од постигнатиот успех на учениците, може да се согледа дека се усвоени содржинските цели. Редовноста на учениците задоволува, поведението за сите ученици е примерно и се базира на коректно и проактивно однесување.

Улогата на родителите е значителна, а функционирањето на Советот на родители покажува посветеност и активност во училишниот живот.

25. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

(Се наведуваат имињата и работните позиции на оние кои ја изготвиле годишната програма за работа на основното училиште)

1. **Сузана Курбардовиќ – Директор**
2. **Теута Хаскај Војника – предметен наставник**
3. **Дитурије Сејфедини – оделенски наставник**
4. **Игбал Мемиши – предметен наставник**

26. Користена литература

1. Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
2. Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25)
3. Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
4. Закон за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 25/15; 150/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18; 104/19; 146/19 и 275/19 година)
5. Законот за работни односи (Службен весник на РСМ, бр. 62/05; 106/08; 161/08; 130/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 74/15; 129/15; 167/15; 27/16 и 120/18 година)
6. Закон за административни службеници (Службен весник на РСМ, бр. 27/14; 199/14;
7. 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18година)
8. Закон за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РСМ, бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18 година)
9. Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РСМ, бр. 42/20 година)
10. Закон за јавни набавки (Службен весник на РСМ, бр. 24/19година)
11. Закон за извршување на Буџетот на РСМ
12. Закон за постапување по преставки и предлози (Службен весник на РСМ, бр. 87/08; 13/13:156/15 и 193/15 година)
13. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник наРСМ, бр.101/2019)
14. Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците кои се помалку 20 проценти од населението од РСМ (Службен весник на РСМ, бр.64/18 година)
15. Закон за заштита на укажувачи (Службен весник на РСМ, бр.196/15 и 35/18 година (пречистен текст))

16. Закон за локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр. 5/02)
17. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа наосновното училиште, бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 година
18. Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната идодатната настава во основните училишта,
19. Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развојна наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, бр.18-4000/1 од 18.3.2020 година
20. Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основнитеи средните училишта по подрачја, бр.18-3999/1 од 18.3.2020 година
21. Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниотсоработник во основните и средните училишта, бр.18-3998/1 од 18. 3.2020 година
22. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање натрошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областана математиката, информатиката и природните науки.
23. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие за наставникот и стручниот соработник во основно и средно училиште, бр.18-4698/1 од 24.4 2020 година
24. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звање наставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник- советник, бр.18-4808/1 од 5.5.2020 година
25. Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното времена наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела,бр.18-4809/1 од 5.5.2020 година
26. Правилник за професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник и начинот на стекнување,
27. Правилник за професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник- советник и начинот на стекнување, бр.18-4882/1 од 6.5.2020 година
28. Правилник за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник истручен соработник-приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит,бр.18-4879/1
29. Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот, бр.18-5437/1
30. Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми иначинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни ивоспитно-поправни установи, како и во домашни услови, бр.18-6575/1
31. Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување нанатпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државнониво во основното образование, бр.18-6573/1
32. Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето напристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите.

33. Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците, Бр.18-15334/1_
34. Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта, Бр. 12-11595/1
35. Правилник за професионални компетенции за директор на основно училиште, Бр. 12-11597/1
36. Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Бр. 12- 11297/1
37. Правилник за стандарди за напредување во звање, Бр. 18-10443/1
38. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звање наставник-ментор, наставник- советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник- советник
39. Стандарди за професионално однесување на стручните соработници во основните и средните училишта
40. Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта
41. Концепција за воннаставни активности во основното образование
42. Концепција за државното тестирање во основното образование
43. Концепција за инклузивно образование
44. Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки иразлични одделенијаза настава во продолжен престој на ученици од различнипаралелки и различни одделенија
45. Упатство за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка
46. Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било одформите на насилство, злоупотреба и занемарување
47. Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права воосновните училишта
48. Водич за работа на училишниот инклузивен тим
49. Наставните планови и програми од БРО
50. Концепцијата за деветгодишното образование

ПРИЛОЗИ
НА
ГОДИШНАТА
ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА
ООУ„25 Maj„
ГАЗИ БАБА – СКОПЈЕ
ЗА УЧЕБНАТА
2025/2026 ГОДИНА

ПРИЛОГ 1: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитно-образовниот процес во училиштето и образованието.

Директорот ги врши следниве работи:
- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење,
- ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,
- ја следи и унапредува воспитно - образовната работа во училиштето,
- подготвува Развојна програма на училиштето,
- подготвува предлог на годишна програма за работа и извештај на училиштето,
- е одговорен за реализација на годишната програма за работа,
- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците,
- е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и
- занемарување сторено врз ученик, до надлежните институции утврдени со закон,
- врши избор на наставници, стручни соработници и друг административно - технички кадар согласно закон и актите на училиштето,
- врши распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно - технички кадар,
- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно - технички кадар согласно закон и колективен договор,
- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници,
- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници,
- организира менторство за наставниците - приправници, стручните соработници - приправници, воспитувачи - приправници, присуствува на часови во наставата согласно планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,
- ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници,
- се грижи за соработката со родителите односно старателите,
- ги известува родителите односно старателите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците,
- одлучува за воспитните мерки,
- ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- ја следи работата на стручните органи во училиштето,
- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците,
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,

- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето,
- одлучува за склучување договори за работните односи,
- го формира училишниот инклузивен тим,
- покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во училиштето,
- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и
- врши други работи согласно закон и статутот на училиштето.
Освен горенаведените работи, директорот на основното училиште со ресурсен центар ги врши и следниве работи:
врши избор на образовни и лични асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост,
врши распоредување на образовни и лични асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост и
-поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на образовните и личните асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост.
Пред да отпочне со планирањето и програмирањето на својата работа, директорот најнапред треба да ги проучи и анализира сите услови и состојби се со цел да се здобие со соодветни познавања и квалитетни оценки за она што треба да биде приоритет во планирањето.
Директорот треба да ја организира воспитно - образовната работа во училиштето. Од него зависи организацијата и реализацијата на сите подрачја на надворешната и внатрешната структура на наставата, а индиректно и работата на наставниците.
Програмата за работа на директорот е интегрален дел на програмата за работа на училиштето. Но, ако тргнеме од фактот дека директорот е главниот носител на таа програма, сосема е разбирливо дека програмата за работа на директорот е камен - темелник на кој што се потпираат сите други програми, спојница која што ги поврзува и надоврзува сите поединечни програми. Директорот, како педагошки раководител во училиштето, во функција на таа примарна компонента, предметот и содржината на својата програма за работа глобално ја структуира во две основни групи на работа и тоа: Административно организаторска Педагошко-инструктивна.
АДМИНИСТРАТИВНО ОРГАНИЗАТОРСКА РАБОТА
Во рамките на оваа подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органот на управување и стручните органи (Училишен одбор, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

А. Административно-организаторска работа
- Финансиска
- Материјална

- Нормативна работа (проучување закони и прописи)
- Извршување увид
- Давање помош
- Вреднување и корекција
Организационо-техничко средување на училиштето
Функционалност на училници, работилници, спорт. терени, библиотека и др.
Претплата и користење на стручна литература, педагошки списанија и весници, ученичка лектира, наставни средства и учебни помагала.
Планирање и организација на ученички екскурзии од научен и рекреативен карактер.
Планирање посети на музеи, театри, изложби и слично.
Административно-правна работа
Работа со органот на управување.
Помош при изработка на нацрт-акти и слично.
Документација и евиденција
Водење педагошка документација.
Персонални досиеа за наставниците.
Документација за планирање на воспитно-образовната работа, документација за следење на воспитно-образовната работа.
Документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето.
Документација за извршени посети на часови.

Б. Педагошко-инструктивна работа
Концепциско – програмско.
Изготвување оперативна програма на активности за период јуни – август. Утврдување на општите состојби во училиштето за остварување на дејноста.
Изготвување на предлог - распределба на одделенските раководства и распределба на часови.
Изготвување на програма за работа на Наставничкиот совет и стручно усовршување на наставниците.
Изготвување на Годишна програма за работа на Директорот.
Помош на наставниците во изготвување на Годишните Глобални и тематски планирања.
Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето.
Изготвување распоред на часови и слободни ученички активности. Вложување во унапредување на климата за работа.
Соработка со стручни органи.
Следење на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето
Увид во годишните и тематските планирања и програмирања на наставата и воспитно образовната работа Преглед

на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите.
Увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања.
Увид, контрола и следење на остварување на стручните оперативно - организациски,
материјално - техничките и дидактичко - методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната активност.
Посета на часови.
Посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата.
Посета на часови за додатна и дополнителна настава остварување на задолжителни разговори, консултации. советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите.
Насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето.
Работа со наставници - педагошки увид во наставата
Запознавање со општо програмска структура посебно со измените и дополнувањата во настевните планови и програми.
Непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата.
Непосредна стручна помош на наставник почетник.
Следење и вреднување на работата.
Советодавна работа со наставници, ученици и родители.
Увид во дневните подготовки на наставниците за часови.
Посета на часови (редовни, дополнителни, додатни и др. активности).
Анализа на часовите и консултации со наставниците.
Следање на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување.
Работа со стручни органи и тимови во училиштето
Запознавање со соодветните законски акти за дејноста.
Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет и реализација на програмските задачи.
Формирање училишен инклузивен тим, за период од три години кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште.
Формирање инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма.
Формирање тим за училишна интеграција за период од три години, составен од седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните
соработници и наставници.
Помош во планирање и реализација на задачите на Одделенските совти.
Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи.
Помош, следење на реализација на часот на одделенскиот раководител.
Запознавање со соодветните законски акти за дејноста.

Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето.
Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред насостаноците.
Редовно присуство на сите седници на стручните активи во училиштето.
Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци.
Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.
Работа со ученици и ученички организации
Индивидуален контакт.
Го свикува првиот состанок на ученичкиот парламент.
Помош во конструирање и работа на ученичките организации.
Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици.
Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување.
Работа со ученици кои покажуваат слаби резултати.
Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците.
Давање иницијатива за реализацијата на зимски и летни одмори на учениците.
Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето.
Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината).
Поттикнување на соработка со културни институции и организации од локалната средина (кино,
театар, библиотека, музичко училиште, пионерски дом и сл.).
Следење и разрешување на карактеристични воспитно-образовни предизвици
Одлучување за одложувањето на следењето на наставата од здравствени или други причини по претходно даден на предлог на комисија;
Аналитичко-студиска работа и осовременување на восп.-образовната работа;
Анализа на годишните глобални и тематски планови на наставниците Увид во дневните подготовки на наставниците;
Изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на Училиштето Упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатите области Изготвување информации: за работа на ученичките организации за одржување;
натпревари на учениците за соработка со др. воспит.образ.институции;
Соработка со стручни служби во училиштето и стручни институции надвор од Училиштето
Учество во работата на стручните соработници во училиштето при програмирање, следење и контрола над работата Соработка со МОН, Биро за развој на образование и локалната заедница на Р.С. Македонија;
Соработка со стручни организации, друштва и институции;
Обезбедување на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатате од тоа усовршување;

Изготвување на Училишно планирање за унапредување за оценувањето;
Перманентно стручно педагошко-психолошко усовршување на наставниот воспитниот и друг стручен кадар;
Грижа за обезбедување на Училиштето со неопходна стручна литература како и поттикнување за користење на истата Упатување на воспитно-образовниот кадар на стручно усовршување надвор од Училиштето (повратно информирање за ефектитр од советувањето);
Непосредна стручна помош во реализацијата на наставните содржини Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување;
Работа со наставници, воспитувачи и стручни соработници;
Запознавање со општата програмска структура, посебно со измените и дополнувањето на наставните планови и програми;
Непосредна стручна, методско-дидактичка помош во реализацијата;
Непосредна стручна помош како и воведување во задачите на наставниот предмет што го предава: наставник-почетник, новодојден - наставник во Училиштето;
Давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување, давање поддршка во работа со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето;
Насочување и давање помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците помош во организирање на зимување и летување на учениците;
Соработка со родителите на учениците;
Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето. Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа на Советот на родители;
Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите;
Организирање и координирање на активности за информирање на родителите Непосредно учество во педагошкото образование на родителите;
Индивидуални и групни средби и разговори со родителите;
Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности;
Редовно информирање на родителите од животот и работата со училиштето, одделенските раководители, непосредно и посредно преку навремено запознавање на родителите со редот во училиштето;
Други работни задачи на директорот
Постојано обезбедување материјално-технички услови за работа;
Следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето;
Грижа за хигиената во училиштето;
Формира тричлена комисија за упис на првачиња;
Следење на законските прописи;
Работа со управните органи;
Подготовка и учество во седниците на Училишниот одбор и неговите комисии и тела;

Подобрување на климата во училиштето;
Предлага Комисија за самоевалуација;
Подготвува Развојна програма;

По потреба Годишната програма за работа на директорот на училиштето може да претрпи промени во склоп со актуелни тековни проблематики и информации од воспитно образовната дејност. При изработка на Годишната програма за работа и нејзина реализација ќе се користи Законот за основно образование, Законот за наставници, Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование, Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот, Правилник за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит, Правилник за професионалните стандарди за звањата наставник - ментор и наставник - советник и начинот на стекнување, Правилник за професионалните стандарди за звањата стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник и начинот на стекнување, Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното време на наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела, Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие за наставникот и стручниот соработник во основно и средно училиште, Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки,Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта, Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја, Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта, Правилник за формата, содржината и елементите на Програмата за поддршка на приправникот и Извештајот за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручен испит, Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во период на реализација на настава преку далечинско учење, Концепцијата за далечинско учење и други законски и подзаконски.

Оперативна програма за работа на директорот

Програмска содржина	Очекувани резултати	Соработници и комуникација	Време на реализација
Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал прилагодено со состојбата во однос на Ковид 19 (прилагодување на процесот на наставата, оценувањето и соработката со учениците и родителите)	Подготовка за успешен почеток на учебната година.	Стручни активи, Стручни соработници, Наставници, Активи	Август
Изготвување акциони планови за постапување по препораките од Комисијата за Самоевалуација 2023/24 година.	Унапредување на квалитетот на работата на училиштето	Директор, Стручни активи, Стручни соработници, Наставници, Активи	Август/септември
Формирање училишен инклузивен тим (измени во неговиот состав)	Формиран училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште	Директор Училишен инклузивен тим	август
Формирање инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма	Формиран инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма	Директор Инклузивен тим на ученик	Август/септември
Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за	Да се увидат и применат сите новини и промени	Директор Инклузивен тим на ученик	Август/септември

развој на образованието на РМ			
Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието на РМ	Да се увидат и применат сите новини и промени	Министерство за образование, Педагошки завод и претставници на Министерството	август Септември
Насоки и координација во планирањето и програмирањето	Планирањето и програмирањето да се изврши квалитетно според наставниот план и програм	Директор, Стручни соработници	август Септември
Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето, особено организирање на програма за прием на првачиња	Да се одбележи почетокот на учебната година.	Стручни активи, Стручни соработници, Одделенски раководители	август Септември
Подготвува Развојна програма за четири години	Анализа, осовременување и унапредување на работата на училиштето	Директор	Август
Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент	Да даде подршка на учениците членови на ученички парламент	Директор, одговорни наставници, ученици претставници на ученички парламент	септември
Вмрежување на ученичките парламенти на ниво на Општина	Зајакнување на демократската партиципација и меѓуетничка интеграција на учениците	Директор, одговорни наставници, ученици претставници на ученички парламент	септември
формирање тим за училишна интеграција за период од три години,	Формиран тим за училишна интеграција	Директор, 7 члена на тимот и тоа претседателот на ученичкиот	септември

		парламент, ученичкиот правобранител и педагог, психолог, дефектолог, одделенки наставник, предметен наставник	
Увид во годишните и тематските распределенија (планирања) на наставниците.	Да се види квалитетот на планирањето и да се укаже на недостатоците.	Директор, Стручни соработници, Наставници	септември

Работа со наставниците почетници	Заеднички да се индентификуваат проблемите во планирањето и организирањето на наставата	Стручни соработници, Претседатели на активи Наставници – ментори	Септември континуирано
Општествено корисна работа – одржување на училишните простории и дворот.	Да се уредат училниците, кабинетите, холот и училишниот двор.	Директор, Хигиеничари, Наставници, Ученици	Континуирано
Увид во работата на проектите	Да се започне со изготвување на одделенските “портфолио”.	Директор, Стручни соработници, Наставници	Септември
Увид и давање упатства за правилно водење педагошката документација во училиштето	Да се види квалитетот на планирањето и де се отстранат евентуалните грешки.	Директор, Стручни соработници, Наставници	Септември
Увид и давање упатства за ажурирање на е-дневник ЕМИС и ХРМ	Да се види навремено внесување и водење е-дневник (внесување на новозапишани ученици, распоред на чсаови, планирани писмени роверки...).	Директор, Администратори за ЕМИС и ХРМ	Септември

Стручен и аналитички увид во сите планови доставени до дирекророт	Да се види квалитетот на планирањето и да се отстранат евентуалните грешки.	Директор, Стручни соработници,	Септември
Работа со одделенски раководители за реализирање на одделенски часови	Да се упатат одд.раководители за правилно и функционално реализирање на одд. час.	Директор, Стручни соработници,, Одделенски раководители	Септември
Увид во организационата поставеност на ученичките организации и слободните ученички активности	Да се увиди функционалноста и организираноста на слободните ученички активности.	Директор, Стручни соработници, Наставници	Септември
Увид во ЛППР на наставниците	Да се увидат потребите на наставничкиот кадар и стручните соработници.	Директор, Стручни соработници, Одговорни на стручен актив	Септември/октомври
Подготовка и реализација на екскурзии.	Добро осмислување и реализирање на екскурзиите.	Директор, Стручни соработници, Наставници	IX-X, V-VI
Размена на искуства со други директори.	Стекнување на нови искуства од областа на раководењето.	Директор	Во текот на цела година
Следење на активностите на наставниците планирани во Развојната програма на училиштето за првата година	Примена на активности и задачи на наставникот со кои кај учениците, поттикнува критичко мислење, анализа и решавање проблеми.	Директор, Стручни соработници, Одговорни наставници	Цела година

Посета на часови од I до IX одд.	Да се види како се реализираат предвидените задачи со програмите и квалитетот на извршените задачи.	Директор, Стручни соработници	Во текот на цела година
Преглед на одделенските книги (дневници)	Со цел правилно да се евидентираат соджините во нив и нивниот реден број	Директор, Комисија за преглед	Октомври

Увид во главната книга -запишување на првооделенците.	Да се види квалитетот на извршените задачи.	Директор, Стручни соработници	Октомври
Увид во дневните подготовки на наставниците	Да се види дневната подготовка за час и примената на современи форми и методи.	Директор, Стручни соработници	Трета седмица септември, октомври, ноември, декември февруари, март, април, мај
Следење на примената на нови наставни форми,методи и средства во наставата	Да се унапредува воспитно- образовната работа во училиштето	Директор, Стручни соработници,	Континуирано
Увид во водењето на педагошката евиденција и документација	Поефикасно водење на педагошката евиденција и документација	Директор, Стручни соработници,	Континуирано
Организација и прием на првачињата во Детската организација.	Организирано стапување на децата во детската организација.	Одговорен наставник	Октомври
Следење на примената на нови наставни форми, методи и средства во наставата.	Да се унапредува воспитно- образовната работа во училиштето.	Директор, Стручна служба	Континуирано

Увид на часовите од дополнителна и додатна настава со цел да се оцени нејзината ефикасност и изготвување на извештај на извршените педагошки увиди	Да се види ефикасноста од реализацијата на додатната и дополнителната настава	Директор, Стручни соработници,	Октомври
Усовршување на формите за соработка со родителите.	Да се запознаат и иницираат родителите за поголема соработка со училиштето.	Директор, Стручни соработници, родители	Континуирано
Увид во работата на хигиеничарите.	Да се подобри хигиената во училиштето и санитарните јазли.	Директор, Хигиеничари	Континуирано
Организација и одржување на Одделенските совети за првото тромесечие.	Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите.	Директор, Стручни соработници, Наставници	Ноември
Подготовка, одржување разгледување и анализа на успехот и дисциплината на учениците во првото тромесечие на Наставнички совет.	Анализа на успехот и поведението во ова тромесечие.	Директор, Стручни соработници, Наставници	Ноември
Увид во работата на Стручниот актив, Посета на нагледен час во паралелка со примена на современи форми на наставна работа	Да се види час во кој се применети современи форми на наставна работа	Директор, Стручни соработници, Наставници	Ноември
Анализа на структурата со реализираните активности на ниво на стручен актив	Да се увидат позитивните и негативните страни и да се разменат идеи	Директор, Стручни соработници,,Стручни активи -Наставници	Континуирано
Увид во одделенските книги во реализација на наставните и воннаставните активности	Да се види како се реализираат наставните програми и воннаставните	Директор, Стручни соработници, Тим за воннаставни активности	Ноември

	активности.		
Консултативни состаноци во ПЕ на МОН-Гази Баба	Запознавање со новините во воспитно-образовниот процес	Директор, Претставници на ПЕ- Скопје	По потреба
Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето, задолженија по активи, програма и сл.	Успешно да се реализираат подготовките за патрониот празник на училиштето.	Директор, Стручни активи, Стручни соработници	Ноември
Следење на реализацијата на програмата за дополнителна и додатна настава	Да се види квалитетот на реализацијата на дополнителната и додатната настава	Директор, Стручни соработници,	Континуирано
Следење и насоки за поуспешна реализација на програмите за слободните ученички активности	Да се изврши увид во квалитетот во реализацијата на слободните ученички активности	Директор, Стручни соработници, Наставници	Континуирано
Увид во дневниците со нагласок на оценувањето и примена на формите на оценувањето на знаењето на учениците	Упатување на наставниците во правилно користење на формите на оценувањето	Директор, Стручни соработници, Наставници	Декември
Советодавна работа со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, недисциплина и соработка со нивните родители	Да се спречат несаканите појави и оштетување на инвентарот и да се отстранат причините за нередовно посетување на Наставата	Директор, Стручни соработници, Одделенски раководители	Континуирано
Организација на Новогодишен базар	Да се сочува и негува традицијата и обичаите	Директор, Наставници. Ученици	Декември
Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие	Да се изврши увид во успехот на учениците и да се согледаат јаките и слабите страни при оценувањето	Директор, Стручни соработници,	Декември - Јануари

		Наставници	
Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото полугодие.	Анализа на успехот и поведението на учениците во првото полугодие.	Директор, Стручни соработници, Наставници	Декември - Јануари
Подготовки и учество во одржување на родителските средби	Разрешување на тековни проблеми.	Директор, Стручни соработници, Одделенски раководители	Декември - Јануари
Изготвување полугодишен извештај за работата на учениците во првото полугодие	Да се соберат податоци за квалитетен полугодишен извештај	Директор, Стручни соработници, Наставници	Јануари
Разговор со наставниците за проблемите кои се јавуваат кај нив при реализацијата на програмските задачи	Да се идентификуваат и отстранат проблемите за поуспешно одвивање на наставата	Директор, Наставници	По потреба
Увид во работата на пописната комисија	Да се види квалитетот на извршениот попис	Директор, Чл. на пописна ком.	Декември - Јануари
Состанок со Училишниот одбор-разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето	Да се информира Училишниот одбор за содржината на полугодишниот извештај	Директор, Секретар, Сметководител, Членови на УО	Јануари
Предавања против болести на зависност и социо- девијантните појави	Заштита, превенција и отргнување на учениците од овие пороци	Директор, Стручни активи , Стручни соработници,	Јануари

Присуство и учество во работата на Стручните активи	Да се види како се реализираат предвидените задачи со програмите и квалитетот на извршените задачи.	Наставници , Стручни соработници,	Тековно
Увид во водење на педагошката евиденција и документација	Поефикасно водење на педагошката евиденција и Документација	Директор, Комисија за прегледување	Јануари
Учество и насоки за професионално ориентирање на учениците од IX одд.	Помош на учениците за избор на идно занимање	Директор, Стручни соработници, Наставници	Во текот на цела година
Увид во работата на библиотеката - стручен и детски печат (списанија)	Да се зголеми бројот на претплата на детски печат	Директор, Библиотекар	Февруари
Увид во работата на училишниот парламент	Поднесување извештај за работата на ученичката заедница	Директор, Одговорни наставници	Февруари
Изнаоѓање на форми за користење на слободното време на учениците во рамките на училиштето	Правилно и рационално користење на слободното време на учениците во училиштето	Директор, Стручни соработници, Наставници	Март
Увид во работата на библиотеката – медијатеката	Да се види искористеноста на фондот на книги и негово збогатување	Директор, Библиотекар	Март
Организација и реализација на Одделенските совети за третото тромесечие	Да се види успехот на учениците и да се согледа пропуштеното	Директор, Стручни соработници, Наставници	Март - Април

Формирање тричлена комисија за упис на првачиња	Успешно да се спроведе уписот на првачиња	Директор Педагог Двајца одделенски наставници кои што ќе водат прво одделение во наредната учебна година	Март - Април
Подготвување и одржување седница на Наставничкиот совет на кој ќе се разгледува анализата на успехот и поведението на учениците во третото тромесечие на учебната година	Анализа на резултатите од наставно - воспитната работа во третото тромесечие на учебната година	Директор, Стручни соработници, Наставници	Март - Април
Увид во Реализација на наставата I од IX до одделение	Да се увиди правилноста во реализациајта на наставта и примената современи наставни средства и помагала	Директор, Стручни соработници,	Трета седмица од Октомври Прва седмица Декември Трета седмица Март Втора седмица мај
Увид во Реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност производно – корисна работа, активности од МИО програмата, еко активности и грижа за здравјето	Да се уреди училишниот двор и истиот да се засади со дрвца и цвеќе Да се јакне мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција	Стручни соработници, Одговорни наставници, Еколошка секција ТИМ за МИО	Континуирано
Изготвување на упатсво за работа на наставниците со учениците кои покажуваат незадоволителни резултати	Упатување на наставниците да работат со ученици кои покажуваат незадоволителни резултати	Директор, Стручни соработници,	Април
Организирање и спроведување на процесот на Самоевалвација на	Формирање тимови, континирано следење на работата	Директор	Април

училиштето			
Одлучување за одложувањето на следењето на наставата на прваче од здравствени или други причини по претходно даден предлог на комисија	Да се даде поддршка на ученици првачиња кои имаат потреба од одложување на почетокот на наставата	Директор, комисија	Во текот на наставната година
Спроведување на уписот во прво одделение	Опфаќање на сите деца од таа возраст	Стручни активи , Одговорни наставници	Мај (во текот на целиот месец)
Организација и изведување на екскурзии и настава во природа во Р.С. Македонија - маршута и траење.	Да се запознаат учениците со местата кои ќе ги посетат.	Директор, Тим за екскурзии Наставници	Септември/Октомври Април/Мај
Информации и насоки за родителите за упис на учениците во средните училишта	Да се запознаат родителите со условите за упис во средните училишта	Директор, Стручни соработници, Наставници, Родители	Мај Јуни
Организирање состанок на одделенската заедница и родителите на деветто одделение - полуматурска забава.	Подготовка за успешно организирање на полуматурската забава.	Директор, Наставници, Родители	Мај
Учество во работата на Стручните активи	Да се увиди работата на стручните активи. Давање предлози и сугестии	Директор, Стручни соработници, Наставници , Стручни активи	Мај
Набавка на сведителства за учениците	Навремено набавување на свидетелства за учениците	Директор, Секретар	Јуни
Организација и одржување на Одделенски совети на крајот од	Да се внимава на единствен критериум за оценување на крајот од учебната година	Директор, Стручни соработници,	Јуни

учебната година		Наставници	
Анализа и утврдување на постигнатите резултати на учениците на крајот од учебната година на Наставнички совет	Да се утврдат рез. на учениците пост. во оваа учебна година	Директор, Стручни соработници, Наставници	Јуни
Увид во изготвување на распоред за изведување на продолжителна настава	Поефикасно изведување на продолжителна настава	Директор, Стручни соработници, Наставници	Јуни
Разгледување на резултатите од продолжителната настава на Одделенски и Наставнички совет	Да се видат резултатите од продолжителната настава	Директор, Стручни соработници, Наставници	Јуни
Подготовка за изработка на Годишен извештај за работата на училиштето	Правилно да се пополнат табелите за Годишниот извештај	Директор, Стручни соработници, Наставници	Јуни
Изработка на Годишен извештај за работата на училиштето	Навремено изготвување на Годишниот извештај	Директор, Стручни соработници,	Јуни
Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето на Наставнички совет	Разгледување на Годишниот извештај	Директор, Стручни соработници, Наставници	Јуни
Одржување на седница со Училишниот одбор - усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето	Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето	Директор, Членови на УО	Јуни
Подготовка на Развојна програма за период од 4 години	Да се испланира мисијата и визијата во работата на училиштето за период следниот период	Директор Наставнички совет, Совет на родители,	Јуни

		Училишен одбор	
Организирање на доделување на свидетелства за завршено одделение	Доделување на сведителства за завр. одд.	Директор, Наставници	Јуни
Подготвување на упатство за изготвување на распоред на часовите за наредната година	Навремено изготвување на распоред на часовите за наредната Година	Директор, Психолог, Наставници	Јуни
одржување на продолжителна настава и поправни испити состаноци со активи издавање решенија за користење на год.одмори подготовка за поправка – санација на простории	Следење на промените и новините во сите делови на планирањето и подготовките за почетокот на учебната година	Директор, Стручни соработници, Наставници	Тековно
Соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и ПЕ при општина Гази Баба	Да се следат промените и новините во сите делови на планирањето и подготовките за почетокот на учебната година	Одговорни лица во Министерството и соработници во Биро за развој на образованието-Р.С.Македонија	Август
Да се прегледаат сите простории на училиштето поради утврдување на состојба пред почетокот на новата учебна година	Утврдување на состојба пред почетокот на новата учебна година	Технички персонал	Август
Подготовка и одржување на работната седница на Стручните активи и Наставничкиот совет	Давање инструкции за изготвување на програма на Стручните активи	Стручни активи на настава, Директор	Август

Конечна (завршна фаза) на изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето	Изготвување на Годишната програма по делови и како целина	Стручни активи, Тимови, Директор	Јуни/јули/Август
Изготвување на годишен извештај за работата на училиштето во учебната година	Да се увиди целокупната работа на училиштето во учебната година	Стручни активи , Директор	Јуни-Август
Изготвување на предлог листа на нагледни средства и помагала кои треба да се дообезбедат и докомплетираат и по одреден распоред да се стават во функција	Збогатување со нагледни средства и помагала за поуспешно реализирање на наставата	Претседател на активи , соработници	Август
Подготовка и одржвање на Наставничкиот совет на кој ќе се изврши распределба на предметите на наставниците, одделенските раководства и определување на евентуален технолошки вишок	Подготовка за успешен почеток на учебната година	Директор, Стручни активи на наставата	Август
Учество во Изготвување на распоред на часови во учебната година	Да се изготви прецизен распоред на часови во учебната година	Директор, Одговорен кој ќе го изготвува распоредот	Август
Седница на Училишниот одбор - усвојување на Годишната програма за работа на училиштето	Да се усвои Годишната програма за работа на училиштето	Директор, Членови на УО	Најдоцна до 14 Август
Седница на Советот на родители	Конституирање на Советот на родители и соработка за подобрување на успехот и	Директор, Стручни соработници, Членови на СР	Август
	дисциплината на учениците како и подобрување на условите за работа		

Набавка на педагошка документација	Да се превземат и дистрибуираат свидетелства, главна книга и ученички легитимации	Директор, БРО	Август

Прилог бр.2 Програма за работа на психолог во 2025/26 година

р.бр.	СОДРЖИНА НА РАБОТАТА	Време на реализација	СОРАБОТНИЦИ
1.	Подготовка за новата учебна година	август	Психолог, наставници
2.	Оформување и средување на податоци	август	Психолог, наставници
3.	Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година	август	Психолог, Директор
4.	Учество во формирањето паралелки во прво одделение	август	Директор педагог, настав.
5.	Изготвување на статистички извештаи за претходната и наредната учебна год.	септември	Психолог, наставници Секретар
6.	Изготвување на список на ученици од прво одд.	септември	Психолог
7.	Учество во проектот Инклузија на децата со посебни потреби	октомври	Психолог
8.	Учество на семинари ,, Ученици со Дислексија,,	во тек на учебна год.	Психолог
9.	Следење на адаптацијата на учениците од прво-одд. деветолетка,.	цела учебна година	Психолог, наставници
10.	Следење на адаптацијата на учениците од второ-одд. деветолетка,.	цела учебна година	Психолог, наставници

11.	Следење на адаптацијата на учениците од шесто-одд. деветолетка,.	цела учебна година	Психолог ,наставници
12.	Соработка со воспитно-образовни и други институции и установи	цела учебна година	Психолог
13.	Учество на состаноците на секцијата на психолози	еднаш месечно	Психолог
14.	Учество во Друштвото на психолози “Психовизија”	еднаш месечно	Психолог
15.	Анализа на успехот и поведението на крајот на првото тромесечие	ноември	директор Психолог
16.	Изготвување список на ученици со 3 и повеќе слаби и изнаоѓање мерки за подобрување на успехот	еднаш месечно	Психолог
17.	Индивидуални разговори со учениците кои покажуваат послаб успех и несоодветно однесување, и соработка со нивните родители	цела учебна година	Психолог
18.	Следење и консултативно-инструктивна работа со одд.наставници, класни раководители и воспитувачи	цела учебна година	Психолог
19.	Перманентно следење и консултативно-инструктивна работа со сите наставници во врска со реализацијата на “Активна настава-интерактивно учење”	цела учебна година	Психолог, наставници
20.	Вклучување и реализација на проектот “Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта во Р.М.” Давање инструкции на наставниците за работа со овие деца и взаемна соработка за успешна реализација на овој проект	цела учебна година	Психолог , инклузивен тим
21.	Континуирано следење и водење евиденција за успехот и редовноста на учениците	цела учебна година	Директор, психолог, настав.
22.	Советодавна работа со родители и наставници	цела учебна година	Психолог
23.	Интерактивна трибина со учениците на тема “Култура на однесување во и	Декември-	Психолог, наставници

	надвор од училиштето”	февруар	
24.	Интерактивна трибина со учениците на тема “Да научиме да учиме” (методи и техники за поефикасно учење)	цела учебна година	Психолог, натавници
25.	Психолошки работилници со учениците (“Соработка”; “Разрешување конфликти”; “Препознавање на емоции”; “контрола на емоционалните реакции”; “Невербална комуникација” “Животни вештини и вредности” итн.)	Декември, јануари, април	Психолог
26.	Организирање предавања од стручни лица за болестите на зависност и СИДА	цела учебна година	Психолог
27.	Учество во работата на Одделенскиот Совет	цела учебна година	Психолог
28.	Учество во работата на Наставничкиот совет	цела учебна година	директор, психолог
29.	Соработка со сите наставници, одд.раководители, а особено од I, V и IX одд.	цела учебна година	Психолог
30.	Вклучување во проекти	во тек на учебната година	Психолог
31.	Спроведување анкети	Октомври, мај	Психолог
32.	Учество во Одделенскиот актив од I-IV одд.	цела учебна година	Наставници, психолог
33.	Изготвување на полугодишниот извештај на училиштето	јануари	Директор, психолог
36.	Спроведување анкета во осмо одд. за професионалните интереси на учениците	март	Психолог
37.	Анализа на успехот и поведението во второто тромесечие	март	Психолог
38.	Водење на професионалната ориентација на учениците од IXодд.: Информирање на учениците, родителите и класните раководители за	цело второ полугодие	наставници

	средните училишта во Скопје и Македонија, Водење евиденција за дотогашниот успех на учениците од V-IX одд. Организирање презентации на средни училишта за учениците од IX одд. и информирање за конкурсот за упис, за презентациите вон училиштето и организирање посети во средни училишта, Спроведување индивидуално интервју со секој ученик од IX одд. со цел професионална ориентација и советување,		родители, психолог, Директор
39.	Презентација на резултатите од полугодишните и годишните тестирања	цела учебна година	Психолог
40.	Презентација на резултатите од анкети	цела учебна година	Психолог
41.	Презентација на резултати од истражувања	цела учебна година	Психолог
42.	Соработка со поликлиника во Маџари и евиденција на систематски контроли и вакцинирање	Септември-јуни	Психолог
43.	Упис на деца за прво одделение и водење на нивната документација Наблудување на регистрираните ученици Давање информации за вкупниот број запишани првачиња Извештај за наблудуваните ученици во прво одд. и формирање на паралелки	мај-септември	Психолог
44.	Упис на деца во прво-одд. и водење на нивната документација	мај	Психолог
45.	Учество во изготвувањето на Годишниот извештај	Јуни	Директор, психолог

Прилог бр.3 *Програма за работа на педагог во 2025/26 година*

Програмата за работа на педагогот е изработена во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2025/2026 год. и Правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта.

р.бр.	СОДРЖИНА НА РАБОТАТА	Време на реализација	СОРАБОТНИЦИ
1.	Подготовки за новата учебна година	Август	Директор наставници
2.	Упис на децата за прво одделение кои не се запишани со законскиот рок • Проверување на предзнаењата преку набљудување • Разговори со родителите • Контакти со наставниците • Давање информации за вкупниот број запишани првачиња • Извештај за резултатите добиени со набљудувањето на учениците и формирање на паралелки	мај – август	директор одд.наставници родители
3.	Учество во изготвување на програмата за работа на училиштето	Август	Директор
4.	Учество во подготовките за првиот училишен ден за прием на првачињата и останатите ученици	Август	директор настав.ученици
5.	Секција на педагозите на град Скопје	цела учебна година	педагози советници
6.	Одбележување на годишнина за независна и самостојна Р.Македонија	Септември	наставници ученици
7.	Следење и консултативно-инструктивна работа со одд.наставници, класни раководители и воспитувачи	цела учебна година	советник директор

			психолог
8.	Изготвување на статистички извештаи за претходната и наредната учебна год.	Септември	педагог секретар
9.	Изготвување на список на сите ученици	Септември	Педагог
10.	Вклучување и реализација на проекти	септември-април	Дир.педагог.наст. родители,учен.
11.	Обука на наставниците за Образование за животни вештини кај учениците од прво до четврто одделение, а потоа следење на нивните часови при реализација на истото	Септември прво полудодие	Турчане Граѓдани
12.	Перманентно следење и консултативно-инструктивна работа со сите наставници во врска со реализацијата на “Активна настава-интерактивно учење”	цела учебна година	Советници директор педагог, наставници, родители
13.	Реализација на проектот “Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта во Р.М.” • Давање инструкции на наставниците за работа со овие деца и взаемна соработка за успешна реализација на овој проект	цела учебна година	Советници Инклузивен тим Родители
14.	Организирање на “Детска недела”	Октомври	
15.	Следење на наставата во текот на целата учебна година		директор
16.	Следење и помагање на учениците од прво одделение кои имаат потешкотии во нивното адаптирање и усвојување на првите наставни содржини со новата Програма за пабота	цела учебна година	Психолог
18.	Анализа на успехот и поведението на крајот на првото тромесечие	Ноември	директор -педагог

19.	Учество во работата на стручните активи	октомври – јуни	Педагог наставници
20.	Учество во работата на Наставничкиот совет		Директор,
21.	Соработка со Бирото за развој	цела учебна година	Советници
22.	Изготвување на полугодишниот извештај на училиштето	Јануари	директор -педагог
23.	Полугодишно тестирање на знаењата по предметите Албански јазик и Математика (изготвување, прегледување, анализа, подготовка на аналитички листови, извештаи и ранг-листа според постигнувањата);	Декември	-педагог -
24.	Испитување на брзината и точноста во читањето	декември-февруари	Педагог одд.наставници
25.	Евиденција за учениците кај кои се појавуваат потешкотии во учењето, разговори со учениците, наставници и родителите за надминување на тешкотиите	цела учебна година	одд.раководители родители
26.	Учество во работата на Одделенскиот Совет	цела година	Педагог
27.	Средување на педагошката документација	Март	Педагог одд.раководител
28.	Анализа на успехот и поведението во второто тромесечие	Март	Педагог
29.	Подготовки за професионална ориентација	Март	Педагог
30.	Подготовки за Патрониот празник на училиштето	март-мај	Директор настав. ученици
31.	“Априлијада” – учество во организацијата	март-април	одд.раков.

			ученици
32.	Годишно тестирање на знаењата по предметите Албански јазик и Математика (изготвување, прегледување, анализа, подготовка на аналитички листови, извештаи и ранг-листа според постигнувањата);	Мај	Педагог
33.	Презентација на резултатите од полугодишните и годишните тестирања	Педагог	Педагог
34.	Презентација на резултатите од анкети	мај	Педагог
35.	Учество на практични часови	Мај	Педагог
36.	Подготовка за упис на првачиња	Мај	- педагог;родители
37.	Средување на педагошката документација	Јуни	педагог,наставници
38.	Анализа на успехот и поведението на крај на учебната година	Јуни	Директор, помошник директор Педагог
39.	Учество во работата на Годишниот извештај	Јуни	Директор,педагог

Прилог 4 Годишна програма за работа на специален едукатор и рехалибилитатор во учебната 2025/26 година

Програмски подрачја за работа

1. Наставен процес- Поддршка на наставниците и учениците
1.1. Советодавна- консултативна работа со наставниците
► Поддршка на наставниците во разбирање на потребите на учениците со посебни образовни потреби и важноста од зголемување на нивните постигнувања
► Работа со оддленските и предметните наставници во поставување на реалистични очекувања во однос на напредокот на овие ученици
► Стручна помош на наставниците во однос на методите и средствата кои ги користат во работата со овие ученици
►Организирање и обезбедување континуирано професионално напредување на наставниот кадар преку стручни предавања и литература
► Редовно следење и известување за релевантни настани, обуки и семинари
1.2. Директна работа со ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето
► Идентификација на учениците на кои им е потребна стручна помош и поддршка
► Дефектолошка дијагностика
► Работа со учениците на совладување на одделни наставни содржини
► Следење на напредокот на учениците и остварувањето на целите кои се предвидени во индивидуалниот план
► Надгледување на поддршката за учениците, вклучувајќи ја и ефективноста на подучувањето и учењето
►Професионална ориентација на учениците
2. Работа и советување на родители
► Соработка со родителите на учениците со посебни образовни потреби и известување за целите, напредокот и постигнувањата
► Советување за сите прашања во доменот на образование и воспитание
► Информирање за нивните права и обврски поврзани со инклузијата

► Индивидуални и групни советувања на родители
3. Планирање и програмирање
► Изготвување на сопствената програма за работа
► Учество во изготвување на програмата за работа на училиштето, како и во изготвување на други програми
5.4. Советување на ученици од 9 одделение заедно со нивните родители-старатели за правилен избор на натамошно образование	Запознавање на ученикот со неговиот личен профил, способности, таленти и советување за избор и идна професија	Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП)	Разговор Насочен разговор Драматизација Бура на идеи Психолошко советување	Резултати од психолошките тестирање на учениците Ученичко портфолио	Ученикот прави споредување и проценка на својот личен профил со барањата кои ги поставува одбраното образование и професионална кариера и носи одлука за избор на соодветно училиште/ занимање	80% од учениците избираат натамошно образование во склад со лични карактеристики, интереси, таленти и способности на ученикот.
5.5. “Мојата одлука е .....” (проверувам и донесувам одлука) работилница	Споредба на личниот профил и способности те на ученикот со барања на избраното училиште/ занимање	Ученици Психолог Одделенски раководители на Родители	Групна дискусија Бура на идеи Индивидуална Постер презентации	Power point презентација Интернет експлорер Ученичко портфолио		

Прилог бр. 33 План за заштита на учениците против насилство, злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Да прифати дека емоциите е покорисно да се изразуваат отколку да се прикриваат во себе си	Албански јазик Низ страниците на детски списанија - обработка на текст дискусија, игровни активности	Октомври	Одд. наставници за II одд. и учениците	Работен лист, детско списание, чек листа за следење на учениците	Учениците слободно да ги изразуваат своите емоции	Директор и стручна служба
да знае за определени видови насилничко однесување, да знае каде може да побара заштита од насилничко однесување кон него/неа.	Насилство –СТОП! II – Како против насилството	Април	Одд. наставници за II одд. и учениците	Работилница Метод на разговор Фронтална Работен лист црвен и зелен хартиен круг.	Знаат за насилството и ненасилството	Координатор на тимот Директор и стручна служба координатор на тимот
да согледа дека решението на конфликтот треба да биде правично за двете страни да согледа дека нерешениот конфликт раѓа негативни чувства	Работилница II-2.9 од Образование за животни вештини,,Пријателско и непријателско однесување,,	Ноември	Одд наставници за. III одд. и учениците	-наст. листови прирачник кукли	Прифати дека конфликтот е дел од секојдневниот живот Согледа дека однесувањето на секоја страна во конфликтот влијае врз конфликтната ситуација	Директор и стручна служба координатор на тимот
да знае за определени	Насилство –СТОП!	Мај	Одд.	работилница	Знаат за	Директор

видови насилничко однесување, да знае каде може да побара заштита од насилничко однесување кон него/неа.	II –		наставници за III одд. и учениците	Метод на разговор Фронтална Работен лист, црвен и зелен хартиен круг	насилството и ненасил.	стручна и служба координатор на тимот
Да ги прифати пријатните чувства, љубовта, да изразува симпатии кон врсниците	Справување со емоции Работилница	Ноември	Одд. наставници за IV одд. и ученици	Дискусија, Игровни активности	Знае да прифати пријатни чувства изразува симпатии кон врсниците	Директор стручна и служба координатор на тимот
да знае кога лутината предизвикува агресивно	дискусија, игровни активности	Ноември	Одд. наставници за	наставни листови прирачник	знае кога лутината предизвикува агресивно	Директор и стручна
однесување; - да може да ја контролира сопствената лутина, бес која е насочена кон другите			V одделение	- работни листови за наставникот Чек листа за следење на учениците	однесување; - може да ја контролира сопствената лутина, бес која е насочена кон другите	служба координатор на тимот
да знае дека постојат правила кои треба да се почитуваат; - да знае да превземе одговорност за своите постапки	Животни вештини Содржина: Разрешување конфликти Работилница: III Правила, правила, правила дискусија, игровни активности	Март	Одд. наставници за V одделение	дискусија, игровни активности Чек листа за следење на учениците	знае дека постојат правила кои треба да се почитуваат; -знае да превземе одговорност за своите постапки	Директор и стручна служба координатор на тимот

	Групна работа					
Дискусија за тоа кои видови технологија се развиени во денешно време, за користа и штетата од нив; изучување нови зборови и изрази	Англиски јазик (IV) Обработка на вокабулар поврзан со технологија	Ноември	Предметен наставник по англиски јазик	Смарт-табла, Интернет, компјутер, звучници, наставни листови и сл.	Запознавање / дискутирање за денешните видови технолошки уреди и разбирање за користа и штетата од нив	Директор и стручна служба координатор на тимот
Придобивки од доброто наспроти последици од лошото / насилно однесување во училишната средина и во секојдневниот живот	Англиски јазик (IV) Однесување на спортски натпревар	Февруари	Предметни наставници	Смарт-табла, Интернет, компјутер, звучници, наставни листови и сл.	Практична примена на стекнатите знаења за правилно однесување во и вон училишната средина	Директор и стручна служба координатор на тимот
да знае кои се последиците од грешките во преземените активности да прифати и другите можат да згрешат да може да препознае грешка во однесувањето да прифати дека простувањето е предуслов за сочувавање на добрите односи	Прифаќање и признавање грешки - „Грешење и простување“	Декември	Одделенски раководител и за VI одд	дискусија со цела група; игриви активности; Прирачник, Работен лист: 4 ситуации, 4 грешки	Знае кои се последиците од грешките во преземените активности прифаќа дека и другите можат да згрешат. прифаќа дека простувањето е предуслов за сочувавање надобрите односи	Директор и стручна служба координатор на тимот

Да ги објасни причините за донесување на сопствените одлуки Да осознава што значи и како изгледа одлука, правило, процедура	Донесување одлуки во група „ Да се спротиставуваме или не? “	Мај	Одделенски раководители за VI одд	дискусија со цела група; игриви активности, прирачник,	ги објаснува причините за донесување на сопствените одлуки осознава што значи и како изгледа одлука, правило, процедура	Директор и стручна служба координатор на тимот
да се запознае со правилата на преговарање и решавање на конфликтот заедно со другата страна да се оспособи да гледа на конфликтот од позиција на другата страна	Јас и ти – интерперсонални односи Преземање одговорност за постапките работилница II „Бура на идеи за разрешување конфликти“	Октомври	Одделенски раководители за VII одд	демонстративен метод презентација -монолошки -дијалошки дискусија,дискусија со цела група; игриви активности	Умеат да се справат со насилничко однесување и да разрешат конфликти на прифатлив и соодветен начин Умее правилно да ја согледа ситуацијата и да се справи со сакани и несакани начини на однесување на луѓето во повеќе различни средини Умее да прости и да даде нова шанса кај личностите кои што грешат	Директор и стручна служба координатор на тимот
да ги осознае демократските процедури да се оспособи самостојно да пронајде	Јас и другите Општествени односи Донесување	Декември	Одделенски раководители за VII одд	демонстративен метод -презентација	Умеат да се справат со насилничко однесување и да разрешат	Директор и стручна служба координатор на тимот

информации кои се потребни за донесување на одлука	одлуки во група и разбирање на демократијата III -5.2 „Виновни или не?“			-монолошки -дијалошки -дискусија дискусија со цела група; -игриви активности	конфликти на прифатлив и соодветен начин Умее правилно да ја согледа ситуацијата и да се справи со сакани и несакани начини на однесување на луѓето во повеќе различни средини	
да ги согледа негативните последици од негирањето на ситуации кога некој друг или нешто е жртва на насилничко	Справување со насилничко однесување II -6.2 „Ако не реагирам	Ноември	Одделенски раководители за VIII одд	демонстративен метод презентација -монолошки -дијалошки -дискусија	умее да се справи со насилничко однесување и да разрешат конфликти на прифатлив и соодветен начин	Директор и стручна служба координатор на тимот
Да знае за опасноста од конфликтите по себе и околината	Работилница Бура на идеи за разрешување на конфликти	Февруари	Одделенски раководители за VIII одд	работен лист за учениците: Дефиниции за конфликти/прашања, дискусии	знае за опасноста од конфликтите по себе и околината,	Директор и стручна служба координатор на тимот
Да знае како треба да се реагира на насилничко однесување за да се заштити жртвата Да умее да реагира на насилничко	Справување со насилничко однесување „Реакции на омаловажување“	Ноември	Одделенски раководители за IX одд	дискусија со цела група игриви активности;	Знае како треба да се реагира на насилничко однесување за да се заштити жртвата,умее да реагира на	Директор и стручна служба координатор на тимот

однесување упатено кон него /неа					насилничко однесување упатено кон него/неа	
Да знае како треба да се реагира на насилничко однесување за да се заштити жртвата, да знае како треба да се реагира за да се спречи насилничко однесување.	Работилница II 6.3 Пасивно, агреесивно или манипулативно	Март	Одделенски раководител и за IX одд	работен лист за учениците: Видови однесувања, работен лист за учениците: Видови однесувања, ситуации.	ги согледува негативните последици од нереагирањето во ситуации кога некој друг или нешто друго е жртва на насилничко однесување.	Директор и стручна служба координатор на тимот
Текст - Bullying 9 одд	Да именува и идентификува видови насилство Да дискутира што да направи во ситуации на насилство	Март	Предметен наставник Блерим Троли	флеш карти, наставен лист, ЛЦД проектор,	Ги осознава видовите насилства, дискутира како да одговорат на насилството	Директор и стручна служба координатор на тимот

Учениците : -да ги откријат негативните последици од насилничкото однесување по жртвата -да ги воочат значењето и потребата од реагирање при насилничко однесување -да се оспособат правилно да реагираат на исмејувањето и навредувањето со што ќе го оневозможат насилничкото однесување	работа во групи -игровни активности -анализа на ситуација -дискусија - Учениците анализираат ситуации на омаловажување , осмислуваат постапки со кои би реагирале и се оспособуваат правилно да реагираат на насилно однесување	Ноември	Предметен наставник по Класична култура во европската цивилиз. Арлинда Кастрати Ученици од VII одд.	-Прирачник за образование за животни вештини Работилница I I-9.1 Работен лист	Учениците: -ги имаат откриено негативните последици од исмејувањето врз самопочитувањето и самодовербата на личноста -го имаат воочено значењето и потребата од реагирање при насилничко однесување -се оспособени правилно да реагираат на омаловажувањата со што ќе го оневозможат насилничкото однесување	Директор и стручна служба координатор на тимот
Да ги знае изворите на конфликтите -да ги воочи различните видови реакции во конфликтна ситуација и последиците од таквите реакции	учениците добиваат одредено мислење без да имаат точни информации и да не дојде до поголеми несогласувања се обидуваат нештата да ги гледаат и низ очите на	Мај	Предметен наставник по Класична култура во европската цивилизација Ученици од VI Одд	Прирачник за образование за животни вештини Работен лист Работилница II-10.1	Прифати дека секој конфликт има најмалку две страни -согледа дека од начинот на реагирање зависи дали конфликтот ќе се реши или не	Директор и стручна служба координатор на тимот

	другиот/другата					
Учтиво изразување - 1 Одделение	Обработка на лексички единици за учтиво изразување	Октомври	Арјета Хасани англиски јазик	постери Флеш карти	Учениците ги препознаваат, разбираат и правилно изговараат лексичките единици за учтиво изразување	Директор и стручна служба координатор на тимот

Обработка на лексички единици за облека и опишување на облеката – 2 одделение	Презентација – облека и опишување на облеката	Декември	Арјета Хасани, наставник по англиски јазик	Флеш карти, постери и сликички со облека	Учениците ги препознаваат, разбираат, правилно изговараат и применуваат лексичките единици за облека и ја опишуваат Облеката	Директор и стручна служба координатор на тимот
Развивање и збогатување на речникот и изразот, читање различни литературни родови и видови	Говорна вежба Читање одломки и разговор за драмски текстови, раскази, поезија поврзана со ненасилство на	Декември	Фадил Муртезани библиотекар	Книги, ИКТ технологија	Богатство на речник, изразност во усното изразување	Директор и стручна служба координатор на тимот

	тема: Со убаво се решаваат сите проблеми.					
Збогатување на речникот стилот и изразувањето во литературното творештво	Говорна вежба и читање поезија на тема: Сакам мир	Март	Фадил Муртезани библиотекар	Книги, ИКТ технологија	Учениците го имаат усвоено богатството на изразност фондот на зборови, и метафорични изрази	Директор и стручна служба координатор на тимот
Култура на работата – училишна работилница Техничко образование	Правилно да го организира работното место, како и да ги применува културните навики при работењето	Октомври	Предметен наставник по техничко образование Рамадан Исени и учениците од 5 одд.	Работа со сите ученици -дискусија -бура на идеи	Го организира уредно работното место во училишната работилница; Ги применува и почитува културните навики во работењето	Директор и стручна служба координатор на тимот
Учениците да препознаат и спречат насилничко однесување, Меѓусебна толеранција, прифаќање и почитување	Европска Унија	Ноември	Предметен наставник по географија Вулнет Аќифи	Компјутер проектор	Да ги осознаат заложбите на ЕУ за обезбедување на мир, просперитет и стабилност,да научат дека се залага за прашања од посебен интерес	Директор и стручна служба координатор на тимот

Да ги осознае демократските процедури да се оспособи самостојно да пронајде информации кои се потребни за донесување на одлука	Јас и другите Општествени односи Донесување одлуки во група и разбирање на демократијата III -5.2 „Виновни или не?“	Декември	Одделенски раководител и за VIII одд	демонстративен метод -презентација -монолошки -дијалошки -дискусија дискусија со цела група; -игриви активности	Умеат да се справат со насилничко однесување и да разрешат конфликти на прифатлив и соодветен начин Умее правилно да ја согледа ситуацијата и да се справи со сакани и несакани начини на однесување на луѓето во повеќе различни средини	Директор и стручна служба координатор на тимот
Учениците треба да другаруваат меѓусебе без	Обработка на текстот: „Другарство”	Октомври	Предметен наставник по	Интернет	Учениците да знаат да покажат почит кон	Директор и стручна
разлика на етничка припадност, да комуницираат, да се почитуваат.			македонски јазик Анета Кузмановска и ученици од V-3 одд.		децата без разлика на нивната етничка припадност.	служба координатор на тимот
Учениците да препознаат и спречат насилничко однесување, Меѓусебна толеранција, прифаќање и почитување	Говорна вежба за Свет без војни	Март	Предметен наставник по албански јазик Фериде Исмаили и ученици од V-3 одд.	Интернет	Учениците да знаат да покажат почит кон сите луѓе во светот, без разлика на различностите	Директор и стручна служба координатор на тимот

Учениците да препознаат и спречат насилничко однесување, Меѓусебна толеранција, прифаќање и почитување	Структура на населението	Јануари	Линдита Латифај Наставник по географија	Карта на Македонија, нема карта, фотографии, компјутер, интернет,	Знае поимот Структура на населението,објасн ува за полова,старосна и етничка структура	Директор и стручна служба координатор на тимот

Прилог бр. 34 Оценување

Во училиштето се спроведува интерно оценување на учениците, кое се врши според критериуми и стандарди за оценување утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Оценувањето на учениците се одвива континуирано, во текот на целата учебна година, со следење и анализи на состојбите во четири класификациони периоди

План за следење и анализа на состојбите со оценувањето																	
		Временска рамка (месец)															Следење
Задача	Активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на спроведување	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно Лице
													x		(ресурси)			
Воспоставување систем за следење и анализа на	Формирање тим за оценување	x												Директор, стручни соработници, наставници	Закон за основно образование Сертифицирани	Стандарди и критериуми за оценување Чек листа	Усогласеност на оценувањето на ниво на училиште според	Тим за Оценување
состојбите со															наставници		стандарди и	
Оценувањето																	критериуми	

Изготвување приоцедури и инструменти за следење на оценувањето	Поделба во тимови Делегирање задачи Изготвување инструменти Планирање на подрдршката и следењето		x										Тим за оценување	Закони, Правилници Стандарди Стручна литература	Процедури, протоколи и инструменти	Стандардизирано планирање, реализирање и следење на оценувањето (формативно и сумативно)	Директор
	Работилници															
	Отворени часови															

Следење на состојбата со оценувањето и поддршка на наставниците	Посета на часови, Увид во планирањата, Споделување добри практики			X	x	x	x	x	x	x	x	x	X	Директор, стручни соработници	Планирања, извешти, инструменти за оценување, протоколи за следење на учениците, Наставничко портфолио ученичко портфолио, дневник, евидентни листи	Чек листа Повратна информација	Излегување во пресрет на потребите на наставниците за објективно оценување на учениците	Тим за планирање, следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници
Анализа на состојбата со оценувањето	Анализа на извештаи и планирања											x	x	Тим за оценување	ученичко портфолио, дневник, евидентни листи	евидентни листи за постигања, стандарди и критериуми	Усогласеност на оценувањето на ниво на училиште	Тим за планирање, следење и вреднување на работата на

														за оценување, формулари	според стандарди и критериуми	наставниците и стручните соработници

Прилог бр.35 План за стручни посети и вреднување на работата на образовниот кадар

Активности	Носител на активноста	Ресурси	Инструменти	Временска рамка	Очекувани резултати
Креирање политика за поддршка за планирањето за посета на часови	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Распоред на часови Извештај од посетени часови	Прашалник за наставниците	Август	Увид во реализацијата на наставата
Следење на планирањата на наставниците и стручните соработници	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Годишна програма на наставниците	Инструмент за евалуација на годишните програми	Септември	Поквалитетни изработени годишни програми
Следење на квалитетот на наставата преку посета на часови	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Следење на дневните планирања на наставниците	Инструмент за евалуација на часовите	Во текот на учебната година	Поквалитетна реализација на часовите Користење на современи методи и техники,во

					наставата
Евалуација	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Извештаи, анализи и информации	Обработка на податоците од увид на часовите	Јуни	Поефикасна наставата

Прилог бр.36 Програма за самоевалуација на училиштето

Цели	Активности	Инструменти	Реализатори и време
Определување на задачи и рокови за реализиација	-планирање на активности по подрачја -оформување на план за Самоевалуација на училиштето	-Прирачник за Самоевалуација на училиштето (ДПИ) - план за Самоевалуација на училиштето	Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Изработка на критериуми за успешност по подрачја	-определување на критериуми на успешност -определување на потребни инструменти за анализа на подрачјата	- критериуми од Прирачник за Самоевалуација на училиштето (ДПИ) -интерно критериуми на успешност -кртериуми за успешност на реализација на ПЛРУ	Наставници, ученици, родители Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Изработка на инструменти по подрачја	-изработка на инструменти за Самоевалуација на училиштето по подрачја за сите училишни структури	-анкети за Ученици, Наставници, Родители по подрачја,- планови, - извештаи, педагошка документација, - записници од работа на органи и тела, - правилници на ОУ, - записници од советувања на родители, - професионални портфолија - професионални досиеа, - ученички досиеа, -паноа, - финансиски планови	Наставници, ученици, родители Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година

		и извештаи	
Реализација на Самоевалуација на училиштето по подрачја	-анализа на документи -анкета на Ученици, Наставници, Родители	-анализа на резултати од анкети по подрачја -заклучоци од анализа на документи по подрачја	Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Разгледување на Самоевалуација на училиштето	-разгледување, измени и дополнување на Самоевалуација на училиштето по подрачја	-презентација на Самоевалуација на училиштето пред Наставнички совет, Совет на родители, Ученичка заедница, Училишен одбор,	Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година Наставнички Совет, Совет на Родители, Ученичка Заедница, Училишен Одбор
Усвојување на Самоевалуација на училиштето	-усвојување на Самоевалуација на училиштето од органи и тела во ОУ -примена на Самоевалуација на училиштето во пракса	-усвојување на Самоевалуација на училиштето -имплементација на приоритети по подрачја во Годишната програма, акциски програми -реализација на приоритети, -евалуација на активности	Комисија за Самоевалуација на училиштето доставување извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот, септември 2025

Прилог бр. 37 План за естетско уредување на просторот

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Уредување на холот на училиштето Подготовки за почеток на новата учебна година и приемот на првачињата	Естетско и функсионално уредување на училиштето Поттик и позитивна атмосфера при приемот на првачињата	Септември	- Тим за естетско уредување - Одд. Наставници од I-V - Тим за МИО активности - Тим за ЕКО активности - Одговорни наставници за проектите	- хамери, листови во боја, принтер, ножици, лепило и други материјали	Придонесување за естетско и фунскионално уредување на училиштето Поттик и позитивна атмосфера кај првачињата	Стручна служба и директор
Есенско уредување на училниците и училишните ходници	Грижа и придонес за естетско и функсионално уредување на училниците и училишните ходници	Октомври	- Тим за естетско уредување - Одделенски наставници од I-V - Ученици од I-V - Ученици од VI-IX -Хаус мајстор	- хамер, хартија во боја, ножици, лепило и други материјали	Грижа естетското и функционално уредување на училниците и училишните ходници	Стручна служба и директор

Промовирање на училиштето. Естетско уредување на училиштето по повод Отворениот ден на граѓанското образование	Зајакнување на демократските капацитети во училиштето, промовирање на граѓанските вредности, промовирање на проектите во училиштето	Октомври	-Наставник по Граѓанско образование -Тим за естетско уредување -ученици од VI-IX -родители -Хаус мајстор	паноа, хамери, хартија, хартија во боја, лепило, ножици, фломастери, темперни бои, флаери, постери, зацврстувачи	Зајакнати демократските капацитети во училиштето, промовирани граѓанските вредности, промовирани проектите во училиштето	Стручна служба и директор
Новогодишно уредување на училниците и училишните холови	Да развиваат на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето поттикнување на учениците за целосно уредување на училишниот простор	Декември	-Тим за естетско уредување -Одделенски наставници од I-V -ученици од I-V -ученици од VI-IX Хаус мајстор	- хамери, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепак, стипопор, маркери во боја, боја за стакло, темперни бои	- развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето	Стручна служба и директор
Пролетно уредување на училниците и училишниот хол	Учениците да развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и	Март	Тим за естетско уредување Одделенски наставници од I-V. -ученици од VI-IX Хаус мајстор	хамер, хартија во боја, хартија, лепак и други материјали	развиват одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето	Стручна служба и директор

	опкружувањето на училиштето -поттикнување на учениците целосно уредување на училишниот простор				на училиштето	

Прилог бр.38 Правилник за однесување на ученици, наставници и родители во училиштето и училишниот двор

Однесување на наставниците	Однос кон работното место, работата член 1 Наставникот да биде пристојно облечен и уреден.
	член 2 Навремено да доаѓа на работното место.
	член 3 Навремено да започнува со наставниот час.
	член 4 Со своето однесување, начин на комуникација и културен однос во секоја ситуација наставникот да биде позитивен пример за учениците кои ги образува и воспитува.
	член 5 Наставникот со учениците, нивните родители, колегите, вработените во училиштето да се однесува коректно, да користи културна терминологија.
	член 6 Наставникот да биде одговорен за работната атмосфера, дисциплината и безбедноста на учениците на часот.
	член 7 Наставниците за време на часовите не треба да користат мобилен телефон.
	член 8 Постојано стручно да се усовршуваат и сознанијата стекнати на тој начин да ги применува во секојдневната воспитно- образовна работа.

	член 9 Наставникот има целосен увид за случувањата во училницата каде реализира наставен час - отсутни ученици, хигиена, состојба со инвентар, учебници.
	член 10 Наставниците се должни редовно и активно да се вклучуваат во работата на Стручните органи на училиштето.
	член 11 За секое отсуство од работа или предвремено заминување, треба да биде известен директорот. член 12 Секој училишен проблем треба да го решаваат навремено, конструктивно, постапно (наставник - ученик, наставник - ученик - одделенски раководител, наставник - ученик - родител, наставник - ученик - стручна служба). член 13 Одделенскиот раководител е должен да биде во постојана комуникација со родителот, навремено и конкретно да го информира, да бара ангажман и соработка во решавање на проблемите. член 14 Педагошката евиденција и документација да ја води уредно, педантно и без корекции. Однос кон учениците член 15 Не е дозволено наставникот да отстранува ученици од часот. член 16 Наставникот има обврска да го прими на час ученикот кој доцни и истото да го евидентира. член 17 Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот. член 18

	Рационално изрекува и предлага педагошки мерки за учениците од паралелката.
Однесување на учениците	член 1 Секој ученик за време на престојот во училиштето треба да се однесува културно и да биде пристојно облечен. член 2 За време на часовите, учениците се должни мобилните телефони да ги исклучат. член 3 Ученикот е должен да влезе во училницата пред наставникот. член 4 Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план. член 5 Излегувањето односно влегувањето во училиштето и училницата, движењето по ходници се одвива дисциплинирано и во најдобар ред. член 6 Ученикот не може да го напушти часот без дозвола на наставникот кој го води тој час.
	член 7 За секое отсуство од часовите ученикот е должен навреме да го извести одделенскиот раководител (или предметниот наставник, стручната служба, директорот). член 8 Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето. член 9 Ученикот е должен совесно да работи на усвојувањето на знаењата, вештините и вредностите пропишани со училишната програма и согласно тоа да не пречи во изведувањето на наставата член 10 За време на наставата не смее да се нарушува редот и тишината во училишната зграда и во училишниот

	двор. член 11 Ученикот, односно родителот или старателот, одговара за материјалната штета што ќе ја направи ученикот во училиштето, намерно или од крајно невнимание (неодговорно однесување). член 12 Ученикот треба да се воздржува од употреба на навредливи зборови, поттикнување и учество во тепачки. член 13 Ученикот треба да се грижи за училишниот инвентар во училницата и училишниот двор. член 14 Учениците е должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина. член 15 По завршување на училишните активности и обврски ученикот треба мирно да замине од училиштето и училишниот двор. член 16 За учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат мерки што се утврдени со Законот за основно образование член 17 Учениците се пофалуваат и наградуваат на начин утврден со Зконот за основно образование (чл. 64) член 18 Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност. член 19 Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето. член 20 Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.

Однесување на родителите	член 1 Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.
	член 2 Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице.
	член 3 Треба да се однесуваат културно и коректно кон учениците и вработените во училиштето.
	член 4 Родителите треба редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на своето дете.
	член 5 Родителите треба да соработуваат со одделенскиот раководител и предметните наставници и редовно да доаѓаат на родителските средби.
	член 6 Родителите треба училишните проблеми да ги решаваат низ директна и конструктивна комуникација исклучиво со одделенскиот раководител, наставниците, стручната служба, директорот.
	член 7 Доаѓањето на родителите во училиштето е регулирано со планот за родителски средби. Во текот на учебната година планирани се минимум 4 општи родителски средби, а по потреба и повеќе. Индивидуалните средби на наставниците со родителите ќе се одвиваат согласно распоредот за приемни денови на наставниците и по потреба. Групните средби се реализираат по потреба.
	член 8 Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето.
	член 9

	Родителите се должни навремено да ги најавуваат и оправдуваат отсуствата на своето дете.
	член 10 Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата.
	член 11 Секоја намерно направена штета од страна на ученикот, родителот е должен да ја надомести.
	член 12 Не е дозволено родителите да се расправаат со соучениците на своето дете.

Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
Кога наставникот зборува не го прекинувај;
Обраќај им се со ВИЕ на возрасните;
Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
Поздравувај со добро утро, добар ден и до видување;
Не користи вулгарни зборови кога комуницираш;
Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот;
Не носи несоодветни предмети со кои би можеле да повредите други ученици;
Искажи го секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;

Биди самокритичен па потоа критикувај;
Чувај ги своите предмети и не посегнувај по туѓите;
Не ги потценувај способностите на своите соученици;
Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот;
Почитувај ги различните од тебе;
Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови;
Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
Учтивоста е особина која ја краси твојата личност, затоа однесувај се учтиво во секоја прилика;
Со своето примерно однесување ќе покажеш почит и кон своите родители;
Биди искрен со своите родители, дури и да згрешиш, тие ќе имаат разбирање за твоите постапки;
Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето;
Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;
Употребата на тоалетите се организира на начин што ќе овозможи присуство на помал број ученици и запазена дистанца (на пример, ако тоалетот е помал, ученикот треба да чека надвор на обележано место додека излезе ученикот кој е внатре);
Ако учениците носат оброк/храна од дома, оброкот да биде соодветно спакуван или готов производ;
Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани;
Сите ученици треба да се придржуваат кон одредбите на овој Кодекс на однесување кои се подготвени врз основа на предлози од

учениците и се усвоени од Училишната заедница во училиштето.
За непочитување на одредбите од овој Кодекс следуваат педагошки мерки според утврдени критериуми. За направена материјална штета следува паричен надомест и соодветна воспитна мерка.

Обврски на дежурните ученици:

Дежурството го изведуваат двајца ученици, на влезот во ходникот;
Дежурниот ученик од горниот ходник за време на големиот одмор дежура пред наставничката канцеларија и не дозволува во неа да влегуваат ученици и родители, туку самиот ги повикува наставниците;
Останатите дежурни за време на големиот одмор се на своите одредени места;
Дежурниот ученик се оддалечува од одредените места само ако добијат задача од наставник, стручната служба или директорот;
Дежурниот ученик не смее да собира други ученици на местата за дежурање, ниту пак самите дежурни да се групираат заради дружење;
Дежурниот ученик мора да отиде на час доколку прави писмена работа, тест или треба да одговара по некој предмет, но претходно да се јави кај дежурниот наставник;
Доколку насети опасност или поголемо нарушување на дисциплината во ходниците, дежурниот ученик мора веднаш да го информира било кој вработен во училиштето што му е најблиску или обезбедувањето;
Дежурниот ученик повремено да се движи низ ходниците и да врши проверка;
Да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
Да ги евидентира учениците кои постојано се движат низ училиштето за време на часовите;
Да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;
Дежурниот ученик ги отклучува и заклучува вратите и не прави отстапки за никого, а во тоа му помага обезбедувањето;

Дежурството на учениците започнува во 7.30 - 13,00 часот за првата смена, односно 13,00 – 18.00 за втората смена.

Кодекс за однесување на наставниците во училиште

Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;

Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
Наставникот треба редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето;
Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

Кодекс за однесување на другите вработени во училиштето

Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;
Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
Стручните соработници и директорот да го почитуваат кодексот за наставниците;
Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;

Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
При работата Вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во сличаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

Кодекс за однесување на родителите во училиштето

Почитувај го куќниот ред на училиштето;
Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (матерјиални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;
Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето,

освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето;
Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето;
Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице;
Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето;
Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
Родителите/старатели по завршување на часовите учениците ги превземаат од наставникот од означениот излез;
Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците.

Куќен ред

Наставничката канцеларија ја користат само наставниците, а не и родители и ученици;
Одговорни за училишниот инвентар се дежурните ученици, одделенските заедници и одделенските и предметните наставници;
Одговорни за фискултурната сала, соблекувалните и просторот пред салата се дежурните ученици и наставниците по физичко и здравствено образование;
Движи се во ходниците без трчање, скокање и туркање;
Пред училниците да не се седи на подот, тоа дава лоша слика;
Учениците треба своите лични работи да ги оставаат во училница или да ги носат со себе и тиа се одговорни за истите;
Секоја намерно направена штета се наплатува;

Строго е забрането шкртање по ѕидовите, во било кој дел на училиштето;
Никој од субјектите во училиштето несмее да го уништува имотот во училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со кои би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците и вработените;
Забрането е пушење во училиштето и училишниот двор;
Дежурните наставници редовно го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот даден од стручната служба и директорот;
За време на часовите во ходниците дежураат двајца ученици, на местата определени за тоа;
За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот;
Секој вработен е должен за своето отсуство да го извести директорот;
Промена на дневниот распоред на часови поради отсуство на наставник, прави стручната служба;
Претседателот на паралелката е должен да се информира кај стручната служба за замена на часот;
Родителите ќе се примаат само во одредени термини кај одделенските и предметните наставници, а кај стручната служба според условите и потребите;
Не е дозволено наставниците да излегуваат од час и да разговараат со родителите;
Наставниците треба да ги известат учениците за термините за одржување на додатна и дополнителна настава и за слободни ученички активности;
Вработените, учениците и родителите треба во училиштето да доаѓаат пристојно облечени;

Прилог бр. 39 ПРОГРАМА ЗА МЕНТОРСТВО 2025/26

Ред Бр.	Компетенции	Активности	Ресурси	Време на реализација	Очекувани исходи
1.	-Воведување во воспитно образовната работа: -Запознавање со организацијата и работата на училиштето (педагошката евиденција, документација-дневник за работа, пополнување, евидентирање на работата на часот на паралелката) од октомври до јуни	-Разговор на наставникот ментор -Утврдување на потребите на приправникот и договор за меѓусебна соработка -Запознавање со иновациите во основното образование -Водење на училишната администрација-хартиена и електронска	-Наставник ментор -Годишна програма за работата на училиштето; -Статут на училиштето; -Наставен план и програма; -Прирачници; -Стручна литература.	Септември	-Воспоставување на позитивна клима педагошки авторитет; -Правилно водење на педагошката евиденција и документација
2.	-Запознавање со наставната програма; -Планирање на наставата: -глобално -тематско -дневно планирање	-Запознавање со структурата на сите видови планирања на наставникот -Наставникот приправник со помош на наставникот ментор ја планира наставата, изготвува глобално планирање, тематско и дневно планирање на наставата	-Наставен план и програма; -Примери на глобално годишно, тематски и дневни планирања -Изготвени ИОП за деца со посебни потреби	септември	Дефинирање на мерливи, усогласени со времето и наставната програма, реални цели, содржини и активности на наставникот и учениците и оспособени реални услови за работа кои се слаба страна на училиштето.
3.	Приспособување на начините за работа на развојните карактеристики и стилови и стратегии на учење на учениците и создавање и одржување на отворена и стимулативна средина	Менторски средби	-Прирачници; -Стручна литература.	Август, Септември, октомври	Унапредување на вештините на наставникот за примена на техниките на учење и поставување на подобрување на вештини

	која поттикнува истражување, учење и независност				
4.	Реализација на наставата -Форми и методи на работа, функционална употреба на наставните средства и реквизити, како и примена на ИКТ во наставата	-Присуство на часови -Реализирање часови на кои применува различни техники, наставни средства, методи и форми на кои присуствува наставникот ментор	-Наставни средства -Реквизити	Ноември, декември, март	-Примена на различни форми, методи и реквизити при реализирање на наставните содржини и користење на ИКТ во наставата
5.	Оценувањето во наставата (следење на постигањата на учениците): -Описно оценување -Премин од описно во бројчано оценување -Бројчано оценување (наставникот во седмо одделение ќе оценува бројчано)	-Запознавање со Стандардите за оценување -Запознавање со методите на оценување -Презентација на материјали и трудови на наставникот ментор во врска со следењето на напредокот на ученикот и описно оценување -Изготвување на инструменти за оценување на учениците -Создавање стратегија за давање ефективна усна и писмена повратна информација	-Прирачници и други видови материјали за описно оценување; -Чек листи, бодовна листа, сумарна бодовна листа (аналитички листи) и скали на проценка, микросумативни и сумативни оцени-примери на оценување изработени од наставникот ментор	Октомври, декември, април, јуни	Заедничко дефинирање на критериумите според целите на програмата -Примена на начинот за ефикасно следење и проверување
6	Излегување во пресрет на потребите на учениците Слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава	Разграничување на поимите; -Утврдување на начинот за избор на учениците за овие активности; -Планирање и реализирање на слободни ученички активности, дополнителна и	-Програма за работа на слободни ученички активности и дополнителна и додатна настава	Во текот на учебна година	Реализирање на програмата за слободните ученички активности. Правилен избор на ученици за реализирање на дополнителна и додатна настава Креирање на содржини за онлајн настава

		додатна настава, организирање културни, спортски и други општокорисни и хумани акции			

7.	-Комуникација и соработка со семејството и заедницата -Работа на одделенскиот раководител, соработка со родители и педагошка служба	-Запознавање со начините на соработка со семејството и локалната заедница -Родителски средби -Разговори со педагогот на училиштето	Програма за соработка со семејството и локалната заедница	Во текот на учебната година	-Соработка со родителите -Соработка со педагошката служба
8.	Водење на училишната администрација	Наставникот ментор и наставникот приправник ја прегледуваат и средуваат постоечката документација	Книги за педагошка евиденција и документација	Во текот на учебната година	-Правилно водење на педашка евиденција и документација
9.	Формирање наставничко портфолио на приправникот	Наставникот ментор и наставникот приправник заеднички го формираат наставничкото портфолио на приправникот -Заеднички ги селектираат материјалите кои треба да стојат во портфолиото	-Портфолио на менторот; -Портфолио на приправникот	Во текот на учебната година	-Формирање-изготвување наставничко портфолио
10.	Подготовка за полагање стручен испит	-Наставникот ментор му помага на наставникот приправник да испланира и подготви наглени часови (најмалку два)	-Портфолио на приправникот -Дневник за менторство	Август 2025	-Подготвени и оддржани најмалку два наглени часа
		Наставникот ментор му помага на наставникот приправник да одбере проблем за мало акциско истражување/студија на случај и му дава насоки за спроведување на истото	-Портфолио на приправникот -Записник од средба на стручен актив	август-септември 2025	-Спроведено истражување/студија на случај -Изготвен извештај за спроведено истражување/студија на случај и

					презентација на истиот
		-Врз основа на рефлексијата на портфолиото менторот му препорачува на приправникот во која насока да се движи изборот на темата за стручен испит; -Се анализираат законските решенија и се дискутира за подготвеноста на приправникот за полагање стручен испит; -Наставникот приправник пријавува тема, а менторот му помага при изготвување.	-Портфолио на приправникот -Службен весник -Закон за основно образование - Закон за наставници и стручни соработници -Семинарска работа-домашна задача	Еден месец пред полагање приправнички испит	-Изработка на семинарска работа-домашна задача

Слободен изборен предмет / од прво до седмо одделение:

1. Изборни предмети во IV оделение

Основно училиште	**Наставен предмет**	**Број на ученици**	**Наставен јазик**
ООУ,, 25 Мај,, Гази Баба - Скопје	**1. Оригамија 2. Животни вештини**	**194**	**Алб. Јазик**

2. Изборни предмети во V оделение

Основно училиште	Наставен предмет	Број на ученици	Наставен јазик
ООУ,, 25 Мај,, Гази Баба - Скопје	1. Заштита на животна средина 2. Шах	190	Алб. Јазик

3. Изборни предмети во VI оделение

Основно училиште	Наставен предмет	Број на ученици	Наставен јазик
ООУ,, 25 Мај,,- Скопје	1. Етика на религиите 2. Религиите во светот	199	Алб. Јазик
	Втор изборен странски јазик за 6. Одд. Германски Јазик	199	Алб. Јазик

4. Изборни предмети во VII оделение

Основно училиште	Наставен предмет	Број на ученици	Наставен јазик
ООУ,, 25 Мај,, Гази Баба - Скопје	Енергија и животна средина/Глоблно затоплување и климатски промени промени	113	Алб. Јазик
	Проекти од музичка уметност	87	Алб. Јазик

	Втор изборен странски јазик за 6. Одд. Германски Јазик	200	Алб. Јазик

5. Изборни предмети во VIII оделение

Основно училиште	Наставен предмет	Број на ученици	Наставен јазик
ООУ,, 25 Мај,, Гази Баба - Скопје	Проекти од информатика	182	Алб. Јазик

6. Изборни предмети во IX оделение–

Основно училиште	Наставен предмет	Број на ученици	Наставен јазик
ООУ,, 25 Мај,, Гази Баба - Скопје	Програмирање	178	Алб. Јазик

Председател на совет на училиште

Kryetar i këshillit të shkollës

Ферди Асани

Ferdi Asani

Директор/ Drejtori

Сузана Курбардовиќ

Suzana Kurbardoviq

Согласно одредбите на член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" број 161/19, 229/20,3/25 и 74/25), Училишниот одбор на ООУ„ 25 Мај" Гази Баба-Скопје,на својата Седница одржана на ден 31.07.2025година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

Член 1

Се усвојува Годишна програма за воспитно образовна работа на ООУ„ 25 Мај" Гази Баба-Скопје за учебната 2025/2026 година ,
Програмата ќе биде доставена до Советот на општина Гази Баба-Скопје

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Дел.број 02-436/4
Дата 31.07.2025год
Скопје

Председател на У/О
Ферди Асани

С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

Предлагач: Градоначалник на Општина Гази Баба

Изготвувач: ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје

Претставник: директор, Игор Китановски

ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

СКОПЈЕ, АВГУСТ 2025 ГОДИНА

П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за работа на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2025/2026 година, Советот на Општина Гази Баба на _____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Член 1

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2025/2026 година, предложена од училишниот одбор со одлука бр.03-186/3 од 11.07.2025 година.

Член 2

Одлуката да се достави до училишниот одбор.

Член 3

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2025/2026 година и Програмата за работа на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2025/2026 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

Број _____
од __.__.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
м-р Сашо Кукески

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ

Правен основ за донесување на Предлог-Одлуката се член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24).

ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје достави Програма за работа за учебната 2025/2026 година, предложена од училишниот одбор со одлука бр.03-186/3 од 11.07.2025 година.

Согласно член 108 став (1) алинеја 2 од Законот за основното образование, "Училишниот одбор на основното училиште: - предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството".....

Програмата за работа за учебната 2025/2026 година и Одлуката на училишниот одбор, се дадени во прилог на материјалот.

ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
на ООУ „ВЕРА ЈОЦИЌ“ - Гази Баба, Скопје
за учебната 2025-2026 година

Јули,2025 год.

Преамбула

Годишната програма на работа на Основното општинско училиште „Вера Јоциќ“ за учебна 2025-2026 година се изработи согласно член 49 став 4, 5 и 6 од Законот за основно образование (Сл.Весник на Република Северна Македонсија, бр.161/19 год.) и врз основа на член 3, 6, 12, 14 и 15 од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште за изработка на годишната програма за основно училиште бр.18-6579-1 од 06.07.2020 година од Министерот за образование и наука.

Содржина

Вовед
1. Општи податоци за основното училиште
1.1. Табела со општи податоци
1.2. Органи за управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште
2. Податоци за условите за работа на основното училиште
2.1. Мапа на основното училиште
2.2. Податоци за училишниот простор
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“
2.5. Податоци за училишната библиотека
2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште
3. Податоци за вработени и за учениците во основното училиште
3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образованата работа
3.2. Податоци за раководните лица
3.3. Податоци за воспитувачи
3.4. Податоци за вработени административни службеници
3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица
3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори
3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар
3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените
3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените
3.10. Податоци за учениците во основното училиште
4. Материјално- финансиско работење на основното училиште
5. Мисија и визија
6. „LESSONS LEARNED“ – Веќе научено/стекнати искуства
7. Подрачја на промени, приоритети и цели
7.1. План за евалуација на акциските планови
8. Програми и организација на работата на основното училиште
8.1. Календар за организација и работата на основното училиште
8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часови
8.3. Работа во смени
8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

8.5. Проширена програма
8.6. Комбинирани паралелки
8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
8.9. Изборна настава
8.10. Дополнителна настава
8.11. Додатна настава
8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
8.14. Туторска поддршка на учениците
8.15. План за образовниот медијатор
9. Воннаставни активности
9.1. Училишни спортски клубови
9.2. Секции/клубови
9.3. Акции
10. Ученичко организирање и учевство
11. Вонучилишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности
12. Натпревари за ученици
13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција
14. Проекти што се реализираат во основното училиште
15. Поддршка на учениците
15.1. Постигнувања на учениците
15.2. Професионална ориентација на учениците
15.3. Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба, спречување дискриминација
16. Оценување
16.1. Видови оценување и календар на оценување
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на образовниот кадар
16.4. Самоевалуација на училиштето
17. Безбедност во училиштето
18. Грижа за здравјето
18.1. Хигиена во училиштето
18.2. Систематски прегледи
18.3. Вакцинирање
18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето
19. Училишна клима
19.1. Дисциплина
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
19.3. Етички кодекс
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
20.2. Активности за професионален развој
20.3. Личен професионален развој

20.4. Хоризонтално учење
20.5. Кариерен развој на вспитно-образовниот кадар
21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности
21.3. Едукација на родителите/старателите
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште
23. Следење на имплементација на годишната програма за работа на основното училиште
24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште
25. Заклучок
26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште
27. Користена литература

Вовед

Општинското основното училиште „Вера Јоциќ”- Скопје изготвува Годишна програма за работа на училиштето согласно со:

- Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019)
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Сл.Весник на РСМ, бр.161/2019)
- Закон за заштита на лични податоци
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони – (www.pravo.org.mk ; www.eduligje.mk; www.eduzakoni.mk; www.slvesnik.com.mk)
- Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie);
- Наставните програми по предмети (одделенска и предметна) настава
- Концепција за воннаставни активности во основно образование 2020
- Концепција за инклузивно образование
- Стратегија за образование 2018-2025
- Концепција за деветгодишно образование;
- Упатство за настава во продожен престој за ученици од иста паралелка, 2020
- Упатство за настава во продожен престој за ученици од различна паралелка, 2020
- Статутот на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Промени и иновации кои ги планира училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Анализа на степенот на реализација на минатогодишната програма за работа на училиштето;
- Извештаи од интегрална евалуација на квалитетот на работата на училиштето;
- Извештај од самоевалуација на работата на училиштето;
- Извештаи за финасиското работење на училиштето;
- Кадровските и материјалните услови на училиштето;
- Најновите сознанија од посетени семинари, работилници,конференции и следење на стручна литература
- Соработка со други училишта и релевантни институции;
- Подзаконски и интерни акти (Статут, Етички кодекс, Деловници за работа на органите итн.), Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за дежурни ученици, Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на училишните натпревари на учениците)

1. Општи податоци за основното училиште

1.1. Табела со општи податоци

Податоци	
Име на основното училиште	ООУ „Вера Јоциќ“
Адреса, место, општина	ул. Разлошка бр.5-б, Гази Баба, Скопје
Телефон	02/ 2522-452
Фах	02/ 2522-452
Веб-страница	oouverajocikj.edu.mk
Е-маил	verajocik@yahoo.com
Основано од	Собрание на општина Гази Баба
Верификација- број на актот	бр.14-1210/ 1 од 26. 02. 1986
Година на изградба	2018-19
Тип на градба	Тврда градба
Внатрешна површина на училиштето м2	2069 м2
Училшен двор м2	9456
Површина на спортски терени и игралишта	650м2
Училиштето работи во смена	во една смена, додека во втора смена е целодневна настава
Начин на загревање на училиштето	Централно парно греење
Училиштето работи во смени	Една
Број на паралелки	19
Број на комбинирани паралелки	/
Јазик/јазици на кој/кои се изведува наставата во училиштето	Македонски јазик
Други податоци карактеристични за основното училиште	

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко огранизирање во основното училиште

Членови на Училишен одбор	-Од Наставнички совет:Виолета Поповска,Мирјана Стојкова,Никола Попадиновски -Од Совет на родители: Анета Ѓуровска, Анета Ѓерасимовска и Милена Огнановска -Од Совет на општина Гази Баба: Валентина Димитриевска
Членови на Совет на родители	Катерина Донева, Ана Николовска, Зорица Гиовска, Елена Стојмановска Краљевска, Биљана Алексовска, Александра Стефановска, Анета Ѓерасимовска, Стојна Постолова, Елизабета Гиовска, Дафина Таневска, Милена Огнаноска, Александар Вељановски, Анета Ѓуровска, Светлана Пеншовски, Христо Нанчев, Момир Спасовски, Соња Атанасовска
Стручни активи	- актив на одделенска настава - актив на природна група предмети - актив на јазична-општествена група предмети - актив на вештини
Одделенски совети	33
Членови на училиштниот инклузивен тим	Игор Китановски - директор Елена Панова – специјален едукатор и рехабилитатор Катерина Б.Костадиноска – педагог Весна Аврамовска – одд.наставник Никола Попадиновски – предметен наставник Ирена Лозана – родител Елена Витанова - родител
Заедница на паралелките	19
Членови на ученички парламент	19 ученици
Ученички правобранител	

2. Податоци за условите за работа во ООУ„Вера Јоцић“

2.1. Мапа на ООУ„Вера Јоцић“



Приземје



Кат 1



2.2. Податоци за училишниот простор

Вкупен број на училишни згради	Една 1
Број на подрачни училишта	Нема
Бруто површина	2069м2
Нето површина	9456м2
Број на катови	2
Број на училници	18
Број на помошни простории	3
Училишна библиотека, медијатека	Една
Начин на загревање на училиштето	Централно парно греење

2.3. Простор

Просторија	Вкупен број	Површина (m2)	Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативнот од 2019 година)	Забелешка (се наведува потреба од дополнителни простории, реконструкции и сл)
Училница	**13**	**58,88 765,44**	**5**	
Кабинети	**5**	**60,55 302,75**	**5**	
Библиотека	**1**	**22,58**	**5**	
Медијатека	**1**	**50,00**	**5**	
Читална	**/**	**/**	**/**	
Спортска сала	**1**	**650,00**	**5**	
Канцаларии	**5**	**116,92**	**5**	
Училишен двор	**1**	**9456.00**	**4**	**Потреба од уредување**
Зеднички простор за прослави	**1**	**184,45**	**5**	
Кујна со трпезарија	**1**	**6,58**	**5**	
Трпезарија	**1**	**63,23**	**5**	
Помошни простории	**3**	**19,18**	**5**	**1 за технички персонал**
Тоалети	**7**	**50,19**	**5**	
Лифт	**1**	**4,58**	**5**	
Ходници	**1**	**411,50**	**5**	
Подрумски простории	**4**	**62,69**	**5**	

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	Постоечки опрема и наставни средства	Потребна опрема и наставни средства
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Топка за одбојка гумена TIGAR сениор - 10	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Топка за одбојка кожна - 2	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Пумпа за топки - 1	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Штоперица - 1	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Мрежа со држачи за пинг-понг – 1	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Рекети за пинг-понг (пар) -2	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Вага -1	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Обрачи – 6	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Маркери – 20	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Баскет – 6	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Ракометарска топка - 6	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Фудбалска топка - 8	
Физичко и здравствено образование –предметна настава	Одбојкарска топка - 4	
География –предметна настава	Европа (Физичко - географска карта) -2	
География –предметна настава	Африка (Физичко - географска карта) -3	
География –предметна настава	Азија (Физичко - географска карта) -2	
География –предметна настава	Австралија и Океаниа (Физичко - географска карта) -1	
География –предметна настава	Енциклопедија на земјата -1	
География –предметна настава	Глобус – 4	

Географија –предметна настава	**Северна Америка (Физичко - географска карта) -1**	
Географија –предметна настава	**Јужна Америка (Физичко - географска карта) -1**	
Географија –предметна настава	**Релјефна карта на Р:Македониа -1**	
Географија –предметна настава	**Книга Географија на Р. Македонија**	
Географија –предметна настава	**Блакански полуостров (Физичко - географска карта) -1**	
Географија –предметна настава	**Свет (Физичко - географска карта) -1**	
Биологија –предметна настава	**Микроскоп -1**	
Хемија –предметна настава	**Стаклена чаша (250 ml) -2**	
Хемија –предметна настава	**Инка -1**	
Наставничка канцеларија	**Бела табла магнетна 240x120sm со алуминиумски лајсни и држач за сунѓер -1**	
Библиотека	**Книги – 8436**	**Лектири– 1656**
Библиотека	**Учебници – 3130**	**Енциклопедии 10-15**

2.5. Податоци за училишна библиотека

Расположлива литература во училишната библиотека

Ред бр.	Библиотечен фонд	Количество
1.	**Вкупен фонд на книги**	**8436**
2.	**Лектири**	**1656**
3.	**Стручна литература**	**450**
4.	**Учебници**	**3130**

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се преуредува или обновува	Површина во м2	Намена
1.Училишен двор	9456,00	Оградување на училишниот двор
2.Хортикултурно уредување	3756,00	Хортикултурно уредување на дел од училишниот двор
3.Осветлување на училишен двор	9456,00	Безбедносни причини
4. Поставување на бекатон плочки	100,00	Пристап до училиштето
5. Преградување на тераса	25,00	Заштита од климатски влијанија
6.Поставување на видео надзор на спортската сала и спортските терени во дворот	650,00	Безбедносни причини
7.Зелен кров- доградба на две училници	130,00	Истражувачки карактер
8.Изградба на амфитеатар	200,00	Одржување на културни манифестации
9.Кошаркарско игралиште	400,00	Спортско рекреативна намена
10.Летниковец	16,00	Дружење, рекреативна намена
11.Влезни капии на училишниот двор	20	Безбедносни причини

3. Податоци за вработени и ученици во основното училиште

3.1. Податоци за вработени кои ја остваруваат воспитно-образованата работа

Ред бр	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на обр.	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1	**Милена Манчиќ Пауновска**	07.09.1969	Дипломиран проф.по македонски јазик	ВСС	Наставник по македонски јазик		23г4м
2	**Дафина Ангелеска**	15.08.1979	Дипломиран проф по англиски јазик	ВСС	Наставник по англиски јазик		18г10м
3	**Виолета Поповска**	06.11.1973	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		31г7м
4	**Даниела Петрушевска**	27.03.1985	Дипломиран проф по хемија и биологија	ВСС	Наставник по хемија и биологија		17г3м
5	**Никола Попадиновски**	24.02.1982	Дипломиран проф по историја	ВСС	Наставник по историја		14г3м
6	**Драган Димитровски**	01.01.1983	Дипломиран проф по географија	ВСС	Наставник по географија		14г1м
7	**Мирјана Стојковска**	26.01.1976	Дипломиран проф по физичко образование	ВСС	Наставник по физичко образование		16г7м
8	**Рашо Радоњиќ**	08.03.1980	Дипломиран проф по музичко образование	ВСС	Наставник по музичко образование		15г3м
9	**Даниела Стојановска - Ефтимова**	12.06.1987	Дипломиран проф.по германски јазик	ВСС	Наставник по германски јазик јазик		12г
10	**Андреј Патлиџановски**	13.07.2000	Студент по Физика		Студент		3г3м
11	**Марија Трпковска**	09.02.1992	Дипломиран професор по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		5г11м
12	**Кате Митевска**	11.05.1989	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		4г10м
13	**Тања Ѓорѓијевска**	02.02.1984	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		2г9м
14	**Кристијан Јовановски**	09.01.1999	Дипломиран професор по физичко образование	ВСС	Наставник по физичко образование		1г4м
15	**Игор Илиевски**	13.12.1985	Дипломиран проф по физичко образование	ВСС	Наставник по физичко образование		2г4м

16	**Марија Павловска**	01.04.1981	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		14г6м
17	**Весна Аврамовска**	09.02.1980	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		20г6м
18	**Елена Колева**	09.09.1985	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		14г9м
19	**Елизабета Пејкоска**	09.11.1974	Дипломиран проф по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		15г4м
20	**Билјана Лазареска**	04.07.1975	Наставник по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		17г3м
21	**Тања Урумовска Стрејоска**	14.05.1982	Наставник по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		9г4м
22	**Елеонора Павловска**	30.01.1991	Наставник по англиски јазик	ВСС	Професор по англиски јазик		9г10м
23	**Фросина Јанакиевска**	13.11.1971	Наставник по техничко образование	ВСС	Професор по техничко образование		25г8м,
24	**Даниела Наковска**	25.05.1979	Наставник по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		14г4м
25	**Катерина Богдановска Костадиноска**	11.09.1986	Педагог	ВСС	Педагог		13г3м
26	**Елена Панова**	08.07.1984	Специјален едукатор и рехабилитатор	ВСС	Специјален едукатор и рехабилитатор		10г10м
27	**Светлана Давчева**	31.01.1969	Дипломиран библиотекар	ВСС	Библиотекар		15г2м
28	**Биљана Арсовска**	23.12.1980	Наставник по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава	да	18г9м
29	**Јасминка Трајковиќ**	10.10.1980	Дипл.проф.по македонски јазик	ВСС	Наставник по македонски јазик		19г10м
30	**Билјана Јосифовска**	02.06.1977	Дипломиран професор по англиски јазик	ВСС	Наставник по англиски јазик		19г5м
31	**Радица Цветковска-Петковска**	15.01.1969	Дипломиран филозоф	ВСС	Наставник по етика		10г2м
32	**Моника Софронијевска**	23.03.1994	Психолог	ВСС	Психолог		6г6м

33	**Петар Ристевски**	19.02.1974	Дипломиран Теолог	ВСС	Наставник по етика во религии		16г6м
34	**Милена Андреева Аргирова**	18.01.1970	Дипломиран математичар	ВСС	Наставник по математика/		16г4м
35	**Везира Идризовиќ**	29.01.1986	Дипл.педагог по сликарство	ВСС	Наставник по ликовно образование		9г5м
36	**Виолета Ванева**	27.09.1970	Наставник по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		17г6м
37	**Ивана Јовановска**	09.02.1985	Наставник по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		16г8м
38	**Јане Тасев**	19.06.1966	Дипломиран професор по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		27г12м
39	**Кристина Петковска**	19.05.1989	Дипломиран професор по одделенска настава	ВСС	Наставник по одделенска настава		7г

3.2. Податоци за раковните лица

Ред Бр	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1.	**Игор Китановски**	09.01.1977	Професор по физичко и здравствено образование	ВСС	Директор		22г10м

3.4. Податоци за вработените административни службеници

Ред бр.	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1.	**Соња Насковска**	20.09.1973	Дипломиран правник	ВСС	Секретар		20г9м

3.5. Податоци за вработени помошно – технички лица

Ред. Бр	Име и презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1	Зоран Јовановски	23.12.1963	Економски техничар	ССС	Хаус мајстор		37г8м
2	Жарко Здравковски	15.03.1973	Економски техничар	ССС	Домаќин		17г 4м
3	Лилјана Димитровска	20.04.1968	Трговачко	ССС	Хигиеничар		25г4м
4	Сузана Кимовска	03.10.1972	Правен техничар	ССС	Хигиеничар		15г11м
5	Симона Мерџановска	02.04.1994	Козметички техничар	ССС	Хигиеничар		7г8м

6	Андријана Ѓорѓијоска	17.02.1982	Економски техничар	ССС	Хигиеничар		13г8м
7	Благица Трајчевска	08.04.1965	Економско	ССС	Хигиеничар		30г11м
8	Снеже Митровиќ	14.02.1971	Книговезец	ССС	Хигиеничар		29г1м

3.6.Податоци за ангажирани образовни медијатори

Во учебната 2025/2026 г. ангажирани се медијатори, со кои соработуваме во согласност на потребите на учениците роми во нашето училиште.

3.7.Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Кадар	**Вкупно**	**Етничка и родова структура на учениците**											
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Срби**		**Роми**		**Други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**
Број на вработени	**50**	**11**	**39**					**1**					**2**
Број на наставен кадар	**36**	**8**	**28**					**1**					**1**
Број на воспитувачи	**/**												
Број на стрчни сор	**4**		**3**										**1**
Административни работници	**1**		**1**										
Помошно технички кадар	**8**	**2**	**6**										
Директор	**1**	**1**											
Помопник директор	/												
Образовни медијатори	1										1		

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	**Број на вработени**
Последипломски студии-втор циклус	1
Високо образование	41
Виша стручна спрема	/
Средно образование	8
Основно образование	/

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	2
31-40	18
41-50	16
51-60	12
61-пензија	2

3.10. Податоци за ученици во основното училиште

Одд.	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка и родова структура на учениците											
			Македонци		Албанци		Бошњаци		Срби		Роми		Турци	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	2	59	27	27	/	/	1	/	1	/	3	/	/	/
II	2	53	26	24	/	/	/	/	/	/	2	1	/	/
III	2	58	29	22	/	/	/	/	1	2	2	1	1	/
I-III	6	170	82	73	/	/	1		2	2	7	2	1	/
IV	3	63	27	35	/	/	/	1	/	/	/	/	/	/
V	2	48	24	20	/	1	/	/	/	/	1	2	/	/
IV-V	5	111	51	55	/	1	/	1	/	/	1	2	/	/
I - V	11	281	133	128	/	1	1	1	2	2	8	4	1	/
VI	2	54	25	26	/	/	1	1	/	/	1	/	/	/
VII	2	50	24	24	/	/	/	/	/	/	1	1	/	/
VI-VII	4	104	49	50	/	/	1	1	/	/	2	1	/	/
VIII	2	52	27	20	2	/	/	/	1	/	1	1	/	/
IX	2	60	30	25	1	/	2	/	/	/	1	1	/	/
VIII-IX	4	112	57	45	3	/	2	/	1	/	2	2	/	/
VI- IX	8	216	106	95	3	/	3	1	1	/	4	3	/	/
I – IX	19	497	239	223	3	1	4	2	3	2	12	7	1	/

4. Материјално – финансиско работење на основното училиште

ООУ “Вера Јоциќ” – Скопје е тврда градба. Од просторни услови училиштето поседува 18 училници, 5 кабинети (кабинет по историја, информатика, биологија и хемија, физика, географија), 5 помошни простори, 4 канцеларии (наставници, директор, секретар, педагог/психолог и специјален едукатор и рехабилитатор/книговодител), 5 санитарни јазли, 1 кујна со трпезарија.

5. Мисија и визија на училиштето

Мисија на училиштето

„Мисијата на нашето училиште е да ги поттикнеме учениците на критичко размислување и да ги препознаеме и почитуваме нивните интереси, индивидуалните способности, личниот стил на учење и културните вредности.“

Визија на училиштето

„Обезбедување на квалитетна и современа настава, како и средина во која секој ученик и наставник ќе има еднаква можност за непречен развој и надоградба,”

6. „LESSONS LEARNED“ - Веќе научено/стекнати искуства

Согласно со стекнатите искуства во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Искуствата ни говорат дека како основни услови за успешно работење и остварување на квалитетна воспитно-образовна дејност во училиштето се: добра анализа и дијагностика, добро планирање, навременост во реализација, обезбедени услови и материјали, споделени и детерминирани одговорности, транспарентност и соработка, следење и мониторинг, позитивна клима, документирање и афирмирање на постигањата.

Се трудиме секогаш учениците да се центар во нашето внимание со спортски и воннаставни слободни активности, учество на натпревари, соработка со родителите, локалната заедница, медиумите и други организации.

Ги почитуавме законските правила и прописи, ги применуавме новите законски прописи и подзаконски акти, се грижевме за безбедноста во училиштето, ги почитувавме етичките кодекси за однесување на сите вработени во училиштето, родителите и учениците.

За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од :

-анализи и заклучоци од спроведени самоевалуации за работата на училиштето; одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;

-анализи и искуства од работењето на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи;

-искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми;

-стекнати знаења од посетени обуки, семинари и работилници;

-знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата;

-придобивки од користење и почитување на правилници за работа и однесување на сите целни групи, етички кодекс на оценување на постигањата на учениците, како и критериуми и стандарди на оценување на постигањата на учениците;

-продобивки од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и воннаставните активности итн.

Претстојните реформи во образованието налагаат подготовки кои се однесуваат на обуки за наставниците за реализација на новите наставни програми за прво и четврто одделение, како и обезбедување на дидактички материјали и задоволување на материјално -технички услови потребни за успешна имплементација на реформите.

Одговорен наставник
Билјана Арсовска

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Во утврдувањето на подрачјата на промени и приоритети во предвид се земаат резултатите и сознанијата од самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките од интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, насоките дадени од БРО, како и потребите на наставниците констатирани при реализација на воспитно-образовниот процес и истакнати на состаноците на стручните активи. За оваа учебна година одредени се следните приоритети кои беа потврдени на Наставнички совет и прифатени од страна на сите наставници:

Подрачје на промени	Приоритети	Цели
Учење и настава	Искуства на учениците од учењето	-Создавање стимулативна средина за учење, градење атмосфера и култура на учење -Препознавањето и почитувањето на интересите на децата и нивните индивидуални способности -Поттикнување на учениците за преземање одговорност -Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето
Училишна клима и односи во училиштето	Училишна клима и односи во училиштето	-Соработка и учество на учениците во различни манифестации, настани, работилници и проекти во Локлната заедница и надворешни организации. -Поттикнување на учениците да поставуваат прашања, да учествуваат во дискусии и да ги истражуваат своите одговори. Тие ги поддржуваат учениците во нивните размислувања и покажуваат почит кон учениците, со тоа што им даваат важна улога во општеството. -Соработка на училиштето со локална заедница и надворешни органиации со цел за повисоки постигања на учениците

1. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ: Учење и настава

*Искуства на учениците од учењето

Активност	Временска рамка	Реализатор	Цели и исходи	Финансиски средства
Создавање средина за учење која ќе се базира на заемна почит и разбирање	септември - јуни	Директор Стручни соработници Наставници	Учениците и родителите да го доживуваат училиштето како стимулативна, поттикнувачка и инклузивна средина, која поттикнува интерес за учење кај секој ученик	
Препознавањето и почитувањето на интересите на децата и нивните индивидуални способности	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Посета на обуки, предавања и работилници на наставниците за збогатување на своите знаења, вештини и техники за тоа како да го направат интересен материјалот кој се изучува за учениците, на истите да им дадат можност самостојно да го поврзат со сопственото секојдневие	
Поттикнување на учениците за преземање одговорност	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Учениците да ги знаат своите права и одговорности. Учениците да се вклучуваат во донесување одлуки и правила на однесување.	
Групни наставни, воннаставни активности, учество во училишни секции и клубови	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Да се постигне поврзаност и позитивни односи помеѓу учениците во групата во која ќе се создаде доверба и безбедна атмосфера за учење и соработка	
Избор на задачи, прашања и активности за домашна работа	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Домашните задолженија на учениците да бидат кратки и разбирливи за сите ученици. Учениците активно да се вклучат во групни работилници преку организирани активности	
Примена на настава на отворено – интеракција меѓу човекот и животната средина	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина. Активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот.	
Избор на задачи, активности и ресурси	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Учениците да ги користат веќе стекнатите знаења и да ги поврзуваат со нови знаења	
Активности базирани врз различни извори на информации.	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Примена на различни извори на информации (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и поттикнување интерес кон темите што се изучуваат.	

Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните на училиштето	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Наставниците водат грижа за социо-емоционалниот развој на учениците и за нивната меѓусебна интеракција.	
Прифаќање на иницијатива и самостојност на учениците	септември - јуни	Стручни соработници Наставници	Самостојноста и иницијативата се мотивирачки фактори во индивидуалното поврзување на идеите и искуствата. Учениците прво поставуваат прашања и потоа се трудат самите да одговорат на нив, земаат учество во нивното сопствено учење и умеат самите да решаваат проблеми.	

План за евалуација на акциониот план

Критериум за успех

- Развивање вештини за искуствено учење

Инструменти

-Разговори со наставници и ученици;

-Прашалник за наставници

-Прашалник за ученици

-Прашалник за родители

-Интерни белешки на наставниците

-Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците

-Увид во ученички досиеја

-Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);

-Примери на оценети ученички трудови;

-Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;

-Инструмент за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците

-Анкети со родители;

Индикатор за успешност

-Училницата е организирана средина за учење;

-Индивидуализиран пристап во развојот и учењето;

-Користење техники за искуствено учење;

-Користење разновидни материјали;

- Планирање на наставната работа;

- Постојано следење на напредокот и постојана проценка;

- Вклучување и соработка со семејството и заедницата;

Одговорен за следење

-Директор

-Тим за поддршка: стручни соработници, одговорни наставници

Повратна информација

-Учениците се активно инволвирани во решавањето на проблемите и планирањето на идните активности;

-Мотивирани ученици за учество во воннаставни активности;

-Активностите се базирани врз различни извори на информации;

-Применето е искуственото учење.

2. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ: Училишна клима и односи во училиштето

*Училишна клима и односи во училиштето

Активност	Временска рамка	Реализатор	Цели и исходи	Финансиски средства
Активно учество на младите во животот на заедницата	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Заедницата е важен извор на информации во наставниот процес. Соработка и учество на учениците во различни манифестации, настани, работилници и проекти во Локлната заедница и надворешни организации.	
Јакнење на демократскиот стил на раководење на училиштето	септември-јуни	Директор Стручни соработници Наставници	Училиштето заедно со сите вработени треба да го почитуваат секој ученик; да веруваат дека секој ученик може да успее; да бидат чесни и да умеат да ги признаат грешките; да умеат да слушаат и да бидат доверливи; да бидат фер; да се стремат кон високи дострели; да ги вреднуваат индивидуалните напори; да создадат стимулативен простор за учење.	
Соработка со семејството/ родителите/старат елите	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Соработка со родителите, Информирање на учениците со одредени струки и занимања, Родителите се вклучени во животот и работата на училиштето, Родителите се доживуваат како извор на информации што може да послужат при завршувањето на задачите	
Вклучување на училиштето во културни и образовни воннаставни активности што се организираат во локалната заедница	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Зголеме на соработка со локалната и поширокатa заедница. Соработка и учество на учениците во различни манифестации, настани, работилници и проекти во Локлната заедница и надворешни организации.	
Учество на конкурс и натпревари во соработка со институции и организации од локалната и поширокатa заедница	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Мотивирање на ученици за учество на натпревари, настани, проекти и манифестации. Соработка на училиштето со локална заедница и надворешни органиации со цел за повисоки постигања на учениците	

Промовирање на резултатите што ги постигнува училиштето	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Информирање на локалната и поширокатa заедница со животот, работата на училиштето и резултатите што гипостигнува	
Вклучување на училиштето во културни и образовни воннаставни активности што се организираат во локалната заедница	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Поттикнување на учениците да поставуваат прашања, да учествуваат во дискусии и да ги истражуваат своите одговори. Тие ги поддржуваат учениците во нивните размислувања и покажуваат почит кон учениците, со тоа што им даваат важна улога во општеството.	
Учество на конкурс и и натпревари во соработка со институции и организации од локалната и поширокатa заедница	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Вреднување на индивидуалните напори кај учениците Листа за следењ е на постига њата на учениците од учество на натпрев ари	
Развој на компетенции за учење	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Развој на Критичко мислење – проценка и користење на информации, факти и аргументи, Планирање, организација, следење и согледување на процесот на учење и постигнување, истрајност во остварувањето на плановите за учење и компетенција да се учи како да се учи	
Групни наставни, воннаставни активности, поттик на учениците за учество во училишни секциии клубови	септември-јуни	Стручни соработници Наставници	Да се постигне поврзаност и позитивни односи помеѓу учениците во групата во која ќе се создаде доверба и безбедна атмосфера за учење и соработка	
Организирани работилници преку кои ќе се овозможи развој на стратегии и практики за работа со деца и млади и со нивните родители	септември-јуни	Стручни соработници Наставници Стручни соработници Наставници	Тимска работа и соработка, градење на групна кохезија и подобрување на односите помеѓу соучениците во паралелката	

План за евалуација на акциониот план
Критериум за успех
- Подобрување на соработката со локалната заедница
Инструменти
-Прашалник за наставници
-Прашалник за ученици
-Прашалник за родители
-Чек листи за евалуација
-Евидентни листи за следење
-Примери на оценети ученички трудови;
-Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со локална заедница;
Индикатор за успешност
- Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето
-Учество на манифестации, настани, проекти и натпревари организирани од локалната заедница
-Учество на учениците на конкурси и натпревари
- Вреднување на индивидуалните напори на учениците
Одговорен за следење
-Директор
-Тим за поддршка: стручни соработници, одговорни наставници
Повратна информација
-Зголемена соработка со локалната и поширокатa заедница
-Подобрена соработка со родителите
-Мотивирани ученици за учество во воннаставни активности
-Информирана локалната и поширокатa заедница со животот, работата на училиштето и резултатите што ги постигнува

8. Програми и организација на работата на основното училиште

8.1. Календар за организација и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование. Во овој календар секое училиште одделно треба да ги внесе деновите кои се неработни во нивното училиште (ден на училиштето, ден на општината, неработни денови за етничките заедници и сл.). Календарот за работа Министерството за образование и наука го објавува во Службен весник (www.slvesnik.com.mk)

Календарот е основа за планирање на активностите за одбележување на значајни датуми, преку училишни радио емисии (разглас) или книга за соопштенија, уредување на училишниот хол, пано, уредување на содржини за ѕиден весник, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности.
Министерот за образование донесува календар со кој се утврдува организирањето на учебната година во
основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодија, други форми на воспитно-образовна дејност и ученички одмор за учебната 2025/2026 година.

- Учебната година во основното училиште започнува на 1 септември 2025 година, а ќе заврши на 31 август 2026 година;
- Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година;
- Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие;
- Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 30 декември 2025 година;
- Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година, а завршува на 10 јуни 2026 година;
- Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор;
- Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година, завршува на 19 јануари 2026 година;
- За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 до 10 јануари 2026 користат платени работни денови.
- Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година, а завршува на 31 август 2026 година.
- Основните училишта од 11 јуни до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.
- Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.
- Во учебната 2025/26 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Еко календар

СЕПТЕМВРИ

3 Септември– Светски ден за заштита на птиците лешинари
16 Септември– Светски ден за заштита на озонската обвивка-International Day for the Protection of the Ozone Layer
18 Септември– Ден на геолозите
21 Септември– Меѓународен ден на мирот-The International Day of Peace
22 Септември– Ден без автомобили-No Car Day
Трет викенд во Септември– Да ги исчистиме светот-Clean up the world
26 Септември– Ден на чисти планини
27 Септември– Ден на туризмот-World Tourism Day
28 Септември– Ден на зелена потрошувашка-Green Consumer Day
29 Септември– Светски ден на гуските

ОКТОМВРИ

Climate Action project -октомври 2020
1 Октомври– Меѓународен ден на старите луѓе
2 Октомври– Светски ден на домашните животни
3 Октомври- Ден без отпад
4 Октомври– Светски ден за заштита на животните –World Animal Welfare Day
6 Октомври– Светски ден на живеалиштата-World Habitat Day

Прва сабота во Октомври– Меѓународен ден на посматрање на птиците
1-7 Октомври– Светска недела на дивите животни-World Wildlife Week
8 Октомври- Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
10 Октомври– Ден на благодарност за плодовите од земјата
11 Октомври– Меѓународен ден за намалување на природните катастрофи-International Day for Natural Disaster Reduction
15 Октомври– Меѓународен ден на пешачењето
16 Октомври– Светски ден на храната –World Food Day
17 Октомври– Меѓународен ден на намалување на сиромаштијата
20 Октомври– Светски ден на јаболокото
Трет викенд од Октомври– Ден на хранењето на птиците-Feed the Birds Day
24 Октомври– Ден на Обединетите Нации – UN,World Developement Information Day
31 Октомври– Ден на Црното Море

НОЕМВРИ
Ноември– Месец на борба против зависностите
1 Ноември– Светски ден на вегетеријанството-World Vegetarian Day
3 Ноември– Светски ден на чистиот воздух-World Pure Air Day
4 Ноември– Ден на климатските промени
6 Ноември– Ден на урбаните област
7 Ноември– Ден на науката
8 Ноември– Светски ден на урбаната технологијата
17 Ноември– Светски ден на непушачите
17 Ноември– Ден на еколошкото движење-The Environmental Movement Day
20 Ноември– Светски ден на паравата на детето-Children's Day
27 Ноември- Меѓународен ден против потрошувачката треска
29 Ноември – Меѓународен ден на биодиверзитетот
29 Ноември– Ден на борба против трговијата со крзно-Fur Free Friday

ДЕКЕМВРИ
1 Декември– Ден на борба против сидата-World AIDS Day
3 Декември– Светски ден на борба против ловот
5 Декември– Ден на волонтерите-International Volunteer Day
10 Декември– Ден на човековите права –World Human Rights Day
11 Декември– Меѓународен ден на планините –International Mountain Day
29 Декември– Ден на биолошката разновидност

ЈАНУАРИ
26 Јануари– Светски ден на образованието за заштита на животната средина –World Environmental Education Day

ФЕВРУАРИ
2 Февруари– Светски ден на водените живеалишта –World Wetlands Day
14 Февруари– Светски ден за зачувување на енергијата –World Energy Day
18 Февруари– Меѓународен ден на биолошката контрола – International Day of Biological Control

МАРТ

5 Март– Светски ден на енергетската ефикасност
10 Март– Ден без чад
14 Март– Меѓународен ден против браните, за реките, водата и животот –International Day against dams and for rivers, water and life
15 март– Светски ден на заштита на потошувачите –World Consumer Rights Day
19 Март– Светски ден на ластовичките
21 Март– Светски ден на шумарството-World Forestry Day, Ден на пролетта кога започнуваат активностите на околината
21-28 Март – Денови на пролетта за заштита на околината
22 Март– Светски ден на водите –World Water Day
23 Март– Светски ден на метрологијата –World Meteorological Day
27 Март– Час за нашата планета

АПРИЛ

7 Април– Светски ден на здравјето –World Health Day
19 Април – Ден на велосипедизмот
22 Април– Светски ден на планетата Земја–Earth Day
24 Април– Светски ден за заштита на животните од експерименти над нив
26 Април– Ден на Чернобилската катастрофа
26 Април– Ден на обновливи извори на енергија
26 Април– Светски ден на кучињата водичи
30 Април– Меѓународен ден за заштита од бучава

MAJ

1Maj– Светски ден за заштита на носорозите
2 Maj– Светски ден на делфините
3 Maj– Светски ден на сонцето
9 Maj– Меѓународен ден на птиците-International Birds Day
10 Maj– Ден на одржливиот развој
12 Maj– Светски ден на фер трговија–World Fair Trade Day
14 Maj– Светски ден на птиците преселници
15 Maj– Меѓународен ден за заштита на климата–Climate Day
20 Maj– Меѓународен ден на здрави градови
22 Maj– Светски ден за заштита на биодиверзитетот –International Day of Biological Diversity
24 Maj– Светски ден против пушењето, Европски ден на парковите
28 Maj– Светски ден на пеперутките
31 Maj– Светски ден на борба проотив пушењето-International No Tabacco Day

ЈУНИ

5 Јуни– Светски ден на заштита на животната средина-World Environment Day

Одговорен наставник:
Кристина Петковска

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Р.бр	Наставник	Предмет што предава	Одделенски раководител
1.	Елизабета Пејкоска Јане Тасев	Одделенски наставник	I-1
2.	Ивана Јовановска Тања Ѓеорѓиевска	Одделенски наставник	I-2
3.	Билјана Арсовска Марија Трпковска	Одделенски наставник	II-1
4.	Билјана Лазаревска Кате Митевска	Одделенски наставник	II -2
5.	Даниела Наковска	Одделенски наставник	III-1
6.	Елена Колева	Одделенски наставник	III-2
7.	Кристина Петковска	Продолжен престој	III
8.	Весна Аврамовска	Одделенски наставник	IV-1
9.	Тања Урумовска Стреоска	Одделенски наставник	IV-2
10.	Виолета Поповска	Одделенски наставник	IV-3
11.	Виолета Ванева	Одделенски наставник	V-1
12.	Марија Павловска	Одделенски наставник	V-2
13.	Драган Димитриевски	Предметен наставник	VI-1
14.	Мирјана Стојкова	Предметен наставник	VI-2
15.	Милена Аргирова	Предметен наставник	VII-1
16.	Никола Попадиновски	Предметен наставник	VII-2
17.	Милена Манчиќ Пауновска	Предметен наставник	VIII-1
18.	Даниела Петрушевска	Предметен наставник	VIII-2
19.	Јасминка Трајковиќ	Предметен наставник	IX-1
20.	Везира Идризовиќ	Предметен наставник	IX-2

Наставници од предметна настава кои предаваат во одделенска настава			
Наставник	**Предмет**	**Одделение (паралелка)**	**Број на часови неделно**
Елеонора Павлова	Англиски јазик	2-1,2; 3-1,2; 4-1,2,3; 5-1,2	23
Билјана Јосифовска	Англиски јазик	1-1,2	4
	Природни науки	5-1,2	4
Фросина Јанакиевска	Техничко образование и информатика	5-1,2	4
Игор Илиевски	Физичко и здравствено образование	1-1,3; 1-2,3; 2-1,3; 2-2,3; 4-1,3; 5-1,3; 5-2,3;	21
Кристијан Јовановски	Физичко и здравствено образование	3-1,3; 3-2,3; 4-2,3; 4-3,3;	12

ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

Наставник	Предмети (задолжителни и изборни)	Неделен број на часови по одделенија и паралелки								Одд. час	Час	Вк. часови неделно
		VI		VII		VIII		IX				
		1	2	1	2	1	2	1	2			
Милена Манчиќ	Македонски јазик	4	4	/	/	4	/	/	/	1	12	17
	СИП	2		2		/	/	/	/		4	
Јасминка Трајковиќ	Македонски јазик	/	/	4	4	/	4	4	4	1	20	21
Дафина Ангелеска	Англиски јазик	3	3	/	3	3	3	3	3		21	21
Билјана Јосифовска	Англиски јазик	/	/	3	/	/	/	/	/		3	3
Даниела Ефтимовска	Германски јазик	2	2	2	2	2	2	2	2		16	20
	СИП			2	2						4	
Милена Аргирова	Математика	/	/	4	4	4	4	4	/	1	20	21
/	Математика	5	5						4		14	14
/	ТО и информатика	2	2	2	2						8	8
Андреј Патлиџановски	Физика	/	/	1	1	2	2	2	2		10	10
Даниела Петрушевска	Биологија	/	/	2	2	2	2	2	2	1	12	23
	Хемија	/	/	1	1	2	2	2	2		10	
Драган Димитровски	Географија			2	2	2	2	2	2	1	12	21
	Природни науки	3	3	/	/	/	/	/	/		6	
	Историја и општество	1	1	/	/	/	/	/	/		2	
Никола Попадиновски	Историја	/	/	2	2	2	2	2	2	1	12	23
	Историја и општество	2	2	/	/	/	/	/	/		4	
	Граѓанско образование	/	/	1	1	1	1	1	1		6	
Рашо Радоњиќ	Музичко образование	1	1	1	1	1	1	1	1		8	20
	Хор и оркестар	6									6	
	Проекти од музичка уметност	/	/	/	/	/	/	2	2		4	
	Иновации							1	1		2	
Везира Идризовиќ	Ликовно образование	1	1	1	1	1	1	1	1	1	8	15
	ЕСАРУ	6									6	
Мирјана Стојкова	Физичко и здравствено образование	3	3	3	3	3	/	3	3	1	21	22
Кристијан Јовановски	Физичко и здравствено образование	/	/	/	/	/	3	/	/		3	3
Петар Ристевски	Етика на религии I полугодие Етика и морал II полугодие	2		2		/	/	/	/		4	4
Радица Цветковска Петковска	Морал и етички вредности/ Извидништво	/	/	1	1	/	/	/	/		2	2

8.3. Работа во смени

Наставата во училиштето се одвива во една смена, каде што прва смена започнува во 7:30 и завршува во 12:55ч. Наставниот час е во времетраење од 40 минути со предвидени мали одмори од 5 минути меѓу часови и голем одмор помеѓу втори и трети час од 20 минути.

Во училиштето наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Во училиштето како прв странски јазик се изучува англискиот јазик, додека како втор задолжителен странски јазик се изучува германски јазик во сите паралелки од VI до IX одделение и француски јазик со група ученици од IX-тите одд.

Распоредот на часови и дежурни наставници за учебната 2025/2026 година го изготвува Директорот на училиштето и ќе биде истакнат на огласна табла во канцеларијата на наставници, најдоцна до 31.08.2025, додека распоредот за дополнителна и додатна настава се истакнува најдоцна до 20.09.2025 година.

8.4. Јазик/Јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	Албански јазик	Турски јазик	Српски јазик	Босански јазик
Број на паралелки	19				
Број на ученици	497				
Број на наставници	36				

8.5. Проширена програма

Проширена програма за учебната 2025/2026 година

ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА	Почитувајќи ги можностите и потребите на учениците, согласно Концепцијата за основно образование училиштето организира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците од I до V одделение еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редованата настава во согласност со родителите.
	Наставниците ги прифаќаат учениците според определен распоред кој им е достапен на родителите и учениците.
	Одговорни наставници за проширена програма се одделенските раководители на учениицте од II до V одд.
	Во Училиштето се организира и проширена програма за учениици од иста паралелка од I до III одделение.
	Двајцата наставници од прво, второ и трето одделение кои реализираат настава во продолжен престој со ученици од иста паралелка ги предаваат сите наставни предмети согласно наставниот план за конкретната паралелка.
	Наставникот кој работи претпладне ја реализира наставата, а другиот наставник во попладневите часови ги реализира планираните активности во продолжен престој на ученици од иста паралелка.
	Планирањето и организирањето на продолжен престој за учениците од иста паралелка се базира на инвидуализација и дифенренцијација.

8.6. Комбинирани паралелки
Во нашето училиште нема комбинирани паралелки

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
Во учебна 2025-2026 година согласно наставниот план и програма учениците ќе ги изучуваат следниве странски јазици:

Одделение	Странски јазик	Број на ученици
I-IX	Англиски јазик	497
VI-IX	Германски јазик	216

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
Согласно Законот за основно образование во наставата и новата Концепција за основно образование од прво до петто одделение наставата по физичко и здравствено образование се реалзиира со тандем настава и вклучување на наставник по физичко и здравствено образование Игор Илиевски и Кристијан Јовановски.

8.9. Изборна настава
Изборната настава на учениците им дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата да ги развиваат своите индивидуачни способности по одделени наставни предмети. Избрната настава е задолжителна и ја следат ученици по спроведена анкета. Училиштето изборот на изборните предмети го врши според согласно Наставниот план и програма при што наведените изборни предмети се утврдени врз основа на лична определба на учениците, односно на нивните родители. Согласно. На крајот на наставната 2025-2026 година се спроведе анкетирање помеѓу учениците со помош на средства за електронска комуникација и согласно резултатите оваа учебна година ќе се реализираат следниве изборни предмети:

1. VI одд. - Етика на религиите
   - Етика и морал
   - Театарот, уметност за емоции
2. VII одд. - Учам за моето здравје
   - Морал и етички вредности
   - Извидништво
3. VIII одд - Учам за моето здравје
   - Пчелите и нивната улога во зачувување на природата
4. IX одд. - Проекти од музичка уметност

<u>Согласно Концепцијата за основно образование и слободни изборни предмети за новата учебна година по спроведената анкета кај учениците се следниве:</u>
Анкета за избор на слободни изборни предмети за учебната 2025/26 година
По направената анкета за избор на слободна ученичка активност учениците ги изнесоа според своите желби и интереси за учебна 2025-2026 година и избраа изучување на предмети. Учениците ќе следат слободни изборни предмети во следниве подрачја:

1. **Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети**
2. **Изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети**
3. **Изборни предмети за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците**

Процедура за избор на слободни изборни предмети:

При определување за изборни предмети во училиштето се спроведуваат следните постапки:

- изготвување анкетни листови за учениците и родителите со понудени најмалку три изборни предмети, соодветни на одделението;
- анкетните листови содржат информации за наставните цели на изборниот предмет и темите кои ќе се обработуваат;
- презентирање на програмите за понудените изборни предмети пред родителите на родителска средба;
- спроведување на анкета за родителите за определување на изборен предмет; - обработка на податоците од спроведената анкета од страна на одделнските наставници и одделенските раководители на ниво на паралелка;
- изготвување извештај за изборните предмети на ниво на училиште од страна на стручните соработници и негово презентирање на наставнички совет;
- информирање на родителите и учениците за застапените изборни предмети;
- формирање групи од намалку 15 ученици од една или повеќе паралелки за следење на наставата;
- изборот на наставниците кои изведуваат настава по изборните предмети се прави согласно нормативите за наставен кадар даден во наставните програми од МОН и БРО

8.10 Дополнителна настава за учебната 2025/26 година

ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА	Дополнителна настава ќе се организира за ученици од I до IX одделние кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати за одредени наставни предмети или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.
	Ученици за кои се организира дополнителната настава се: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема), ученици што подолго време отсуствувале од настава и -ученици со потешкотии во учењето.
	Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно.
	Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно.
	Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма. Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот
	Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделние во текот на цела учебна година со група од најмалку десет ученици од иста или различна паралелка од исто одделение.

	Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото го информира родителот, односно старателот.
	Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручната соработници во училиштето.
	Дополнително, најдоцна до 20 септември, согласно распоредот за учебната 2025/2026 година ќе биде изработен и распоред за дополнителна настава по одделни предмети.
	Според новата Концепција за основно образование Во рамки на времето што учениците го помунуваат во училиште, секој наставник е должен по својот предмет да реализира дополнителна настава за сите ученици кои не успеаваат да постигнат задоволителни резултати за време на редовната настава. За таквите потреби наставниците изготвуваат распоред, почитувајќи го времето кое им одговара на учениците за кои е наменета и јавно го истакнуваат.

Процедура
за дополнителна настава

Чекори	Активност	Целна група	Реализатор
1.	Изготвување програма и распоред за дополнителна настава	Наставници, ученици Директор Стручни соработници	Одделенски и предметни наставници
2.	Организирање на дополнителната настава	Ученици со потешкотии во учењето	Одделенски и предметни наставници
3.	Проценување од страна на наставникот за ченици на кои им е потребна дополнителна настава	Ученици	Одделенски и предметни наставници
4.	Информирање на родителите на учениците кои се упатени на дополнителна настава	Родители	Одделенски и предметни наставници
5.	Изготвување портфолио за ученикот како доказ за неговиот напредок	Родители Стручни соработници	Одделенски и предметни наставници
6.	Евидентирање на дополнителната настава во Педагошка евиденција за дополнителна настава	Директор Стручни соработници	Одделенски и предметни наставници

8.11 Додатна настава за учебната 2025/26 година

ДОДАТНА НАСТАВА	Додатна настава ќе се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.
	Додатната настава можат да ја следат ученици од I до IX одделние и тоа: - напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет, - ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и - ученици што се пријавуваат за учество на натпревари
	Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставне предмет во одредено одд. во текот на цела учебна година. Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава а ученикот, односно родителот/старателот одлучува за посета на часови за додатна настава.
	Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот.
	Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.
	За реализација на додатната настава наставникот: -ги идентификува учениците; изготвува програма за додатна настава согласно интересите на ученикот; -ја реализира програмата; -го следи и контролира напредокот на ученикот и води педагошка евиднција за додатна настава.
	Наставникот ја изготвува програмата за додатна настава во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози од ученикот. Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: -истражувачки активности, -учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, -самостојно истражување од страна на ученикот и слично.
	Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето
	Дополнително, најдоцна до 20 септември согласно распоредот за учебната 2025/26 година ќе биде изработен и распоред за додатна настава по одделни предмети.
	Според новата Концепција за основно образование додатната настава за учениците кои ќе учат по новата Концепција за основно образование се реализира преку слободните изборни предмети кои служат за продлабочување и проширување на знаењата од задолжителните предмети.

Процедура за избор на додатна настава			
Чекори	**Активности**	**Целна група**	**Реализатор**
1.	Планирање на додатната настава, материјално-техничките услови, соодветните дидактички материјали	Наставници, Ученици Директор Стручни соработници	Одделенски и предметни наставници
2.	Информирање и понуда на учениците за следење додатна настава од одредена област	Ученици Родители	Одделенски и предметни наставници
3.	Идентификување на афинитетите и талентите на учениците	Надарени и талентирани ученици	Одделенски и предметни наставници
4.	Програма според потребите на учениците и распоред за додатна настава	Наставници, Ученици Директор Стручни соработници	Одделенски и предметни наставници
5.	Реализирање на програмата според распоред	Ученици Наставници	Одделенски и предметни наставници
6.	Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите	Ученици Родители	Одделенски и предметни наставници
7.	Водење педагошка евиденција за додатна настава	Наставници Директор Стручни соработници	Наставници

8.12. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Согласно Законот за основно образование надарени и талентирани ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

- **Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:**

-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности ;
-додатна настава
-проектни активности;
-слободни ученички активности;
-организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници .

Процедура за работа со надарени ученици:

- Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на надарените ученици;

- Стручните соработници преку разговори со одделенските наставници/раководители ги идентификуваат надарените ученици
- Идентификација на надарените ученици се врши преку прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик;
- Задавање на нестандардизирана Пронад скала за процена на особините на надарените ученици (особини на учење и водство, мотивациски и креативни особини)
- Задавање на соодветни мерни инструменти за проценка на специфичните способности на надарените ученици;
- Планирање и организација на поучувањето на овие ученици;
- Проширување на програмите за работа со соодветни содржини прилагодени кон потребите на надарените ученици;
- Континуирано се следи вклученоста на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности;
- Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно консултативна работа со нив, наставниците и нивните родители/старатели;
- Во текот на учебната година , по завршување на секој класификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овие ученици;
- Вклучување на надарените ученици во активности од локалната заедница.

ЦЕЛИ	СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ	РЕАЛИЗАТОР	ВРЕМЕ	ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ
-Креирање на политика за работа со надарени ученици -Подготовки на инструменти за идентификување на надарени, талентирани и креативни ученици	-Евидентирање на надарените ученици -Состанок на тимот за идентификуање на надарените,талентираните и креативните ученици и оредување/приготвување инструменти за идентификување на овие ученици	Тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручни соработници	септември октомври	-Успешна реализација на планираните активности -Наставниците посетуваат вештини за детекција и идентификување на надарени и талентирани ученици
-Идентификација на надарените ученици преку прашалници за логичко-математичка надареност, музичка, ликовна и надареност за јазик -Запознавање на тимот со надарените ученици и видот на надареност	-Разговори со одд.наставници, раководители, предметни наставници и родители Сов.консул.разговори со одд.настваници, ракововодители, предметни наставници,ученици и нивните родители	Тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручни соработници	септември октомври	- Преглед и евиденција на надарените ученици според видот на надареноста на учениците -Проценка на специфичните способности на надарените ученици -Примена на соодветни форми/методи за работа со овие ученици
Запознавање на родителите и нивно вклучување во процесот на идентификација и начинот на работа со надарени и талентирани ученици	Информирање преку презентација и разработка на темата на состаноци со родителите	Одделенски раководители	септември октомври	Навремено и правилно информирање на родителите за работа со надарени и талентирани ученици

-Вклучување на надарените ученици во додатна настава и вонучилишните активности	Примена на современи наставни методи и форми -Избор на задачи, материјали, дополнителна литература за развивање на интересите и надареноста на овие ученици	Тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручни соработници	во текот на годината	-Планирање и организација на поучувањето на овие ученици -Проширување на програмите за работа со соодветни содржини прилагодени кон потребите на надарените ученици
-Следење на индивидуалните постигања на надарените учениците (на крајот на секој квалификационен период)	-Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето -Анализа на постигањата на надарените ученици од работата во воннаставните ученички активности и додатната настава	Тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручни соработници	ноември, јануари, април,јуни	-Проценка на постигањата на овие ученици -Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа -Подобрување на постигањата на надарените
-Поддршка на учениците и зголемување на мотивираноста за работа	-Средби и активности со оваа група ученици -Советодавна работа и правилно насочување кон развивање на способностите и талентот -Потикнување на учениците за вклучување во активности за покажување на својот талент	Тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручни соработници	во тек на годината	-Развивање на позитивни ставови кај учениците кон надарените учениците -Вклучување на надарените ученици во активности од локалната заедница
-Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со надарените ученици	-Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со надарени ученици -Изготвување на стратегија за понатамошна работа	Тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручни соработници	јуни	Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца

Тим за изработка:
Даниела Наковска –одд.наставник

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. Нашето училиште соработува со стручното тело за стручна проценка за попреченост од системот за проценка на лица со

попреченост, каде што родителот го носи своето дете на проценка и таму му вршат тестирање и процека дали детето има потреба од одложување на почетокот на образование, потребата од индивидуална поддршка (образовна и/или лична асистенција), интензивна поддршка со ИОП или модифицирана програма.
Училишниот инклузивниот тим согласно програмата за работа, врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план и модифицирана наставна програма кои се во согласност со нивните можности, способности и интереси.
Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от, а на барање на родителите и почесто, и по потреба врши дополнување и нивна корекција.

<u>Процедура за идентификација и поддршка и на учениците со потешкотии во учењето:</u>

- Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;
- Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);
- Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;
- Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;
- Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;
- Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;

8.14. Туторска поддршка на учениицте

На почетокот на учебната година училиштето ги информира родителите/старателите на учениците од шесто до деветто одделение за можноста за дополнителна поддршка - подучување на нивните деца од страна на тутор-волонтер по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето. Дополнителната поддршка се реализира по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Тутор волонтер е редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми за избор за тутор-волонтер. Училиштето нуди помош и поддршка на родителите/старателите при избор на тутор-волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство која содржи дата база на одбрани студенти - тутори.

8.15. План за образовниот медијатор

Во учебната 2025-2026 година согласно законот за основно образование ќе доставиме барање за ангажирање на образовен медијатор чија цел е да презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува

редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

9. Воннаставни активности

9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој на учениците, го унапредува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска култура. Спортските активности, игрите, гимнастиката ги задоволуваат потребите за физичка активност кај учениците. Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје и општина Гази Баба, се организираат натпревари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка) така и во индивидуалните спортови (атлетика, карате, џудо, борење, пинг-понг, шах). Системот на натпревари е предходно утврден од Организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Скопје, општина Гази Баба и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на регионалните натпревари, а победниците на регионалните учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години. Натпреварите се организираат во текот на целата година од септември до јуни во зависност од просторните услови во кои се одржуваат натпреварите.
Цели на училишниот спорт: правилен психофизички развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.

Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност,всила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем. Овие цели се постигнуваат преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос.
Евалуација на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоенинагради.

Училишниот спортски клуб “Вера Јоциќ 2014“ е основан 2014 година.
Одговорни наставници на училишниот спортски клуб е Мирјана Стојкова. Клубот опфаќа повеќе видови на спортови како на пример: одбојка, кошарка, ракомет, фудбал и спорт по избор. Може да се вклучат деца од сите возрасти. Начинот на финасирење е: само финасирање (членарина), спонзорство, донации, локална самоуправа.
За реализација на слободните спортски активности се задолжени наставниците по **Физичко и здравствено образование, Мирјана Стојкова и Игор Илиевски.**

9.2. Секции/ Клубови

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно (1- 2 часа неделно, во просек), во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес, може да учат во иста паралелка, во различни паралелки од иста година (на пример, VI. одделение), или во различни години во рамки на ист возрасен циклус (на пример, VII - IX.

одделение). Притоа е битно целата група заедно и континуирано да учествува во работата на секцијата.
Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.
Во рамките на овој вид воннаставни активности ќе се реализираат:

- секции за проширување/продлабочувае на содржините од наставните предмети/ области (од странски јазици , млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози, математичка, информатичка, литературна, ликовна);
- секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците (фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура);
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (интеркултура/мултикултура, почитување на различности, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање);
- спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пингпонг, планинарење, јога, пилатес, велосипедизам)

Планирањето на слободните ученички активности иако е вклучено во Годишната програма за работа на училиштето, тековно се модификуваат и дополнуваат во договор со учениците, согласно нивните интереси, можности, вештини и способности. Во текот на наставната година сите дополнително произлезени секции се планираат и вклучуваат во анекс кон Годишната програма за работа на училиштето.
Согласно Концепцијата за воннаставни активности за учебна 2025-2026 година изборот на секции и одговорни наставници ќе се распредели по спроведена анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секции кои ќе се реализираат. Изборот на наставници ќе се изврши на Наставнички совет, врз основа на ангажираноста на секој одделенски наставник во наставни активности.
За успешна организација и реализација на воннаставните активнсти, училиштето ќе обезбеди соодветните просторни услови и потребните материјали, преку учество во проекти, доброволни прилози, донации, подароци, завештанија и легати.

9.3. Акции

Акциите се краткортајни воннаставни активности од општествен, хуманитарен или друг карактер. Акциите имаат за цел да развиваат интерес кај учениците за вклучување во општествено корисна работа, развивање на задоволство од работата, поттикнување на хуманост и солидарност, развивање на позитивен однос кон другарчињата како и поттикнување на учениците да дејствуваат и размислуваат еколошки односно од најмала возраст да се создадат еколошки навики со што ќе ја подигнат еколошката свест за зачувување на животната околина. Акциите се реализираат со активно учество на учениците, наставниците, родителите и поширокатa заедница.

Акциите кои ќе бидат реализирани во текот на учебната 2025/26 година се:

- **<u>Еколошки акции</u>** – собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, есенско чистење, уредување на училишниот двор, одбележување на Ден на пролетта, Ден на планетата Земја, Ден на заштита на озонската обвивка, Светски ден на шумите и сл.
- **<u>Хуманитарни настани</u>** - собирање парични средства, базари, хепенинзи, донирање на облека, собирање на училишен прибор и др. Хуманитарните акции се организирани на ниво на училиште со активно вклучување на учениците, родителите, наставниците и во соработка со ОО Црвен крст-Гази Баба, локалната и деловната заедница.

- **Базари за здрава храна, продажба на новогодишни и велигденски декорации.**
- **Тековни акции** - активности зависно од иницијативи покренати на локално ниво, национално или интернационално ниво.

Сите акции детално се планирани во Програмите за работа на ниво на стручни активи и согласно насоките на БРО. Планот за реализација на акциите во учебна 2025-2026 г. е даден во прилог.

Акции	Содржини	Цели	Врема на реализизација	Одговорни наставници	Одделенија	Ресурси
Детската недела	Собирна акција	Развивање чувство за солидарност и хуманост	октомври	Билјана Арсовска	Група ученици-претставници во Детската Организација од II до IX одд., родители, наставници	Акции, брошури, презентации
Европска недела на мобилност	Ден без автомобили Возење велосипеди	Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина	октомври	Билјана Арсовска	Сите ученици од I до IX одд.	Акции, брошури, презентации
Ден на гладта	Собирна акција	Да се подигне свеста на учени ците за пробле мот со гладта и развивање на хуманост и солидарност	октомври	Елизабета Пејкоска	Подмладокот на ЦК, родители, наставници	Акции, брошури, презентации
Месецот на книгата	Подарување лектирни изданија - збогатување на училишната библиотека	Да се развива љубов кон книга та, читање на книгите, развива ње чувство на хуманост, солидарност	октомври-ноември	Виолета Ванева Марија Павловска	Група ученици од IV-1 и IV-2	Акции, литература
Недела на грижа на стари лица	Испомош на стари лица, посета на стари лица (снабдување со намирници, лекови, играње шах, помош)	Да развиваат навика за помош на стари и изнемоштени лица и развивање на светста кај учениците	ноември	Елизабета Пејкоска	Група ученици од VI-1 и VI-2 одд., родители, наставници	Посета на стари лица
Новогодишни празници	Собирна акција за деца без родители – СОС детско село	Да се поттикне доброволно ангажирање и постојана подгот веност за давање помош како и универзално чувство за соли дарност и хуманост	декември	Билјана Арсовска	Група ученици-претставници во Детската Организација од II до IX одд., родители, наставници	Сликовници, книги, учили шен прибор, новогодишни пакетчиња, облека и обувки, посета на СОС – детско село

Новогодишни празници	Новогодишен хепенинг-собирање финансиски средства за потребите на учениците-паралелките	Развој на позитивно расположение по повод Новогодишните празници	декември	Сите одделенски раководители	Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници	Новогодишни творби изработени од учениците
Први март – Ден на мартинките	Подарување мартинки во детската градинка ,, 25 мај ,, - Пони	Да се развива креативност и и творечка фантазија, соработка со локалната средина	март	Билјана Лазаревска Билјана Арсовска	I-1 и I-2 одд. родители, наставници	Волници, игли за плетење, презентации
Ден на пролетта	Хортикултурно уредување на дворот засадувајќи цвеќе и садници	Да се зајакне еколошката свест кај учениците	март	Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска	Ученичка заедница, родители, наставници	Садници, пролетни цвеќиња, градинарски алат
Ден на пролетта	Еко хепенинг со музички, ликовен и поетски перформанс	Да се развиваат уметничките таленти кај учениците и промоција на вештините на учениците	март	Рашо Радоњиќ Везира Идризовиќ Јасминка Трајковиќ Милена М. Пауновска	Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници	Хор и оркестар, ликовни и литературни творби
Светски ден на планетата Земја	Еколошки активности - собирање отпадоци, чистење на училишниот двор и околните улици	Да се подигне нивото на свеста кај учениците за зачувување на животната средина, соработка со локална самоуправа	април	Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска Никола Попадиновски	Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници	Пластични кеси, ракавици, градинарски алат
Верскиот празник Велигден	Велигденски хепенинг-собирање финансиски средства за потребите на учениците-паралелките	Развој на позитивно расположение по повод Велигден	април	Сите одделенски раководители	Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници	Велигденски творби изработени од учениците

10.Ученичко организирање и учество

Заедница на паралека

Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици од паралелката. Демократската процедура за избор на претседател и заменик претседател на паралелката се спроведува во текот на месец септември на одделенските часови. Најнапред пријавените кандидати кои треба да ги задоволуваат критеримите за избор, доставуваат пријава, мотивационо писмо и листа со потписи за поддршка. Изборот се врши преку тајно гласање, за избран претседател се смета кандидадот кој има освоено најголем број на гласови од вкупниот број на ученици од паралелката, а за заменик претседател следниот кандидат со најголем број на гласови. Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката ,се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на : прослави и манифестации, екскурзии...еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми. Заедниците на паралелките се состануваат минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката.На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот.

АКТИВНОСТ	РЕСУРСИ	НОСИТЕЛИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА	СОРАБОТНИЦИ
Избор на претседател на заедницата, заменик претседател, постојани и повремени тела во заедницата за учење	Процедура за избор на претседател анализа на формуларите за пријавување, листа со потписи и мотивациони писма	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Наставници	Септември	Директор Стручна служба
Организирање предавање на тема „Заштита на човековите права“	Конвенција на детски права, компјутер, презентација,	Сите ученици во своите паралелки/ одделенија Наставници	Октомври /ноември	Директор Стручна служба
Уредување на училницата и училиштето	Хартија во боја Хамери, ножици, лепак	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Наставници	Ноември	Директор Стручна служба
Еколошка акција	Лопатки, метла, вреќи за отпадоци	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Наставници	Февруари	Директор Стручна служба
Изработка на Мартинки	Црвена е бела волница, листови во боја	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Наставници	Март	Директор Стручна служба
Велигденски базар	Украси и храна по повод велигденските празници	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Наставници	Април	Директор Стручна служба
Патронен празник	Хартија во боја Хамери, ножици, лепак	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Наставници	Мај	Директор Стручна служба

Ученички парламент

Ученичкиот парламент активно работи и неговите активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од II -IX одделение. Активностите на Ученичкиот парламент се реализираат според годишниот план и програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот, стручната служба и одговорните наставници. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од и начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество на учениците во училиштето-МИО). Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот (по потреба и неколку пати) и на тие состаноци се разгледуваат прашања во врска со успехот и поведението на учениците, прашања поврзани со културно-забавниот живот, есетскиот изглед и хигиенските навики во училиштето итн. Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба постои голема соработка и истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичката заедница на училиштето. Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.
Ученички правобранител

Ученички правобранител

Ученикот правобранител е ученичка функција на ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето.

Задачата на ученикот правобранител за **промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности** (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите замеици е **поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.** Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.
Ученичката заедница на училиштето. Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

Програма за работа на ученички правобранител			
Р.бр	**Содржина**	**Време на реализација**	**Реализатор**
1	Запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на децата	октомври	стручна служба, ученички правобранител, заменици
2	Работилница 1: Правата на децата - Имам право да ги знам моите права	октомври	стручна служба, ученички правобранител(заменици), Ученички парламент
3	Комуникација со членовите на Ученичкиот парламент и останатите ученици	во текот на целата учебна година	ученички правобранител (заменици)
4	Учество на состаноците на Ученичкиот парламент, давање предлози и сугестии	во текот на целата учебна година	ученички правобранител (заменици)
5	Работилница 2: Моја одлука, твоја одлука	ноември	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент
6	Инфо ден за промоција на работата на ученичкиот правобранител Дебата : Борба против корупцијата (со ученици од осмо и деветто одделение	декември	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
7	Прибирање поплаки од ученици и доставување до стручна служба	во текот на целата учебна година	стручна служба, ученички правобранител
8	Работилница 3: Превземање акција во училиште	февруари	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент
9	Работилница 4:Интеркултурно образование	март	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент
10	Учество во дебати	во текот на целата учебна година	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
11	Дебата: Почитувањето на различностите – услов за добра училишна клима;	април	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
12	Дебата : Кои се одликите на добриот лидер?	мај	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
13	Извештај за работата на ученичкиот правобранител во учебната 2024-2025 г.	јуни	стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник

11. Вонучилишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Со Годишната програма за работа на ООУ„Вера Јоциќ“ во учебната 2025/2026 година, се предвидени следниве активности: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер чија цел е кај учениците да се развива интерес и љубов кон природните богатства и културно-историското наследство на Република Северна Македонија, зацврстување на другарството и взаемното почитување, градење патриотски чуства, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе. Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани два еднодневни излети (есенски и пролетен), настава во природа за учениците од V одделение, еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение.

Екскурзии / Излети	**Време на изведување**	**Релација**	**Одделение**
Еднодневен есенски излет	Септември-Октомври	Раштак-Сарачево	I – IXодд.
Еднодневен пролетен излет	Април-Мај	Кучково	I – IXодд.
Еднодневна екскурзија	Април-Мај	Тетово	III одд.
Дводневна екскурзија	Април-Мај	Источна Македонија	VI одд.
Тродневна екскурзија	Септември-Октомври	Западна Македонија	IX одд.
Настава во природа	Мај (по посебно изготвена програма)	Струга/Охрид	V одд.
Набљудувања	Во текот на годината	Според програмата	I – IX одд.
Посета на знаменитости и установи	Во текот на годината	Според програмата	I – IX одд.

11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активност

Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности		
- Одделенска настава -		
Ученици вклучени во вонучилишни активности	**Одделение**	**Вкупен број на ученици**
1.Математичка секција	III-1, III-2	27
2.Ракотворби	III-1,III-2	27
3.Заштита на животната средина	IV-1	24
4.Сликање, цртање и вајарство	IV-2	24
5.Одбојка	V-1	26
6.Образование за животни вештини	V-2	25

12. Натпревари за учениците

Ученички натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, , да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Нашето училиште учествува на :

- училиштни натпревари
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организираат, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот.

Во оваа учебна година ќе се организираат интерни училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари.

Планирани училишни натпревари

Предмет	Одделение	Наставник	Период на реализација
Македонски јазик	VI - IX	Јасминка Трајковиќ Милена Манчиќ-Пауновска	Февруари
Англиски јазик	VIII - IX	Дафина Ангелеска Елеонора Павлова	Февруари
Математика	IV - IX	Милена Аргирова	Февруари
Природни науки	IV - VI	Драган Димитровски	Февруари
Биологија	VII - IX	Даниела Петрушевска	Февруари
Географија	VI - IX	Драган Димитровски	Февруари
Хемија	VIII-IX	Даниела Петрушевска	Февруари
Физика	VIII-IX	Андреј Патлицановски	Февруари
Информатика	VI -IX	/	Февруари

Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

За унапредување на мултикултурализмот/интеркултирализмот и меѓуетничка интеграција се грижи формиран тим за училишна интеграција составен за период од три години во состав на директор Игор Китановски, педагогот Катерина Б.Костадиноска, Никола Попадиновски – предметен наставник, Везира Идризовиќ– предметен наставник, Тања Стреоска Урумовска – одделенески наставник и претседател на ученички парламент и ученичкиот првобранител (кои во учебна 2024-2025 год. го заврши 9-тото одд) и ќе бидат одбрани нови на почетокот на 2025-2026 год. Училишниот тим за унапредување на мултикултурализамот/ интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција планира и огранизира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог /интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.

Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии:

1. Интеграција на содржина;
2. Процес на создавање знаење;
3. Намалување на предрасудите;
4. Педагогија на праведност и
5. Поттикнувачка училишна култура и структура

Преку мултикултурната едукација во училиштето учениците ќе учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во нашето училиште, без оглед на која етничка, религиозна и јазична група припаѓаат.

Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да серазвиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобруваи соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници.

И оваа учебна година во нашето училиште ќе продолжи да се применува Проектот за меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем. Сите наставници ќе бидат вклучени во проектот преку одржување на часови и разни активности во врска со меѓуетничката интеграција, со континуирана помош од страна на директорот и стручната служба. Во проектот покрај учениците и наставниците ќе бидат вклучени и родителите без разлика на нивната етничка припадност. Во учебната 2025-2026 година се планирани заеднички активности за унапредување на мултикултуралимот со училиште со ученици од друга етничка припадност со кое имаме потпишан меморандум за соработка. Средства за реализација на активностите се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините и од други извори (донации, делегати, подароци и друго), а се користат наменски.

Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ „Дитуриа “- О. Сарај, во кое наставата се одвива на два наставни јазици: албански и босански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку проектни активности, посети на културни и образовни објекти и мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Одговорни лица се Тања Стреоска Урумовска, координатор од ООУ „Вера Јоциќ“ и Везира Идризовиќ, координатор од ООУ „Дитуриа“.

Во училиштето се реализираат разни видови други активности, преку кои учениците осознаваат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадностсе вклучени и во различни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Гази Баба и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги наброиме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани. Дел од активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Ученичкиот парламент на училиштето и нејзините тела. Ученичкиот парламент го поддржува демократското учество на учениците во училиштето, а со тоа и унапредувањето на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција.

Акционен план за учебната 2025/26 година:

Цели	Активности	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани исходи и ефекти
Планирање МИО активности на училишно ниво	МИО активности во годишната програма Планирање на МИО – активности во Годишна програма и самоевалуација за состојбите Дефинирање на улоги на членовите на тимот Дефинирани одговорности на членовите на тимот според МИО активностите	тим за училишна интеграција	септември 2025	прирачници веб-страна	Успешно спроведување на планираните активности во рамките на ПМИО
Согледување на заедничките интереси и разлики на младите од различни етникуми	Одбележување на Европскиот ден на јазиците - воннаставна активност	Наставници кои предаваат странски јазици	Септември 2025	ИКТ Учебник проектор	Учениците ги идентификуваат и објаснуваат сличностите и разликите помеѓу културите и културните вредности.

Се залага за почитување и заштита на правата на децата без разлика на нивната етничка и верска припадност; поддршка на другите култури во опкружувањето како модел на заедничка иднина	Одбележување на 20 Ноември - ,,Светски ден на детето“	Одговорните наставници од двете училишта: Везира Идризовиќ и Тања Стреоска Урумовска	Ноември 2025	Хамери Бои Четки	Развиена соработка, дружење, почит, толеранција, комуникација помеѓу учениците од различна националност. Учествува во активности за промовирање различни култури, не дискриминира врз основа на културни разлики.
Се залага за почитување и поддршка на другите култури во опкружувањето како модел на заедничка иднина	Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите	ученички парламент, наставници, родители	Ноември 2025	Проектор Хамери Бои	Учествува во активности за промовирање различни култури, не дискриминира врз основа на културни разлики.
Иницирање активности за вклучување на родителите и Општината во активностите за меѓуетничка интеграција во образованието и координација на нивната реализација Втора онлајн заедничка работилница со партнерското училиште	Соработка со родители и општините Подготовка и презентирање на PPT презентации за храна и обичаи-традиционална кујна	- тим за училишна интеграција; - наставници - ученици - Совет на родители - Училишен одбор	Март 2026	-акциони планови -програми за работа - правилници	Активно вклучување и поддршка во спроведување и промовирање на самостојните и заедничките активности
Промоција на реализираните активности	Промотивни настани на училишно ниво за презентација на активностите (изработка на паноа, брошури, флаери кои ќе се делат на родителите и ажурирање на веб-страната на училиштето)	Тим за училишна Интеграција, Наставници	Мај	- Веб-страна на училиштето - Промотивен материјал (постери,брошури и сл.)	Промоција на реализираните активности

Одговорни наставници:Тања Стреоска Урумовска (одделенски наставник), Везира Идризовиќ (предметен наставник), Никола Попадиновски (предметен наставник)

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Реализацијата на проекти им овозможува на учениците активно учење, придонесува за зголемен интерес и ангажман за учење и работа, а истовремено учениците стануваат свесни за важноста на комуникацијата и тимската работа.
Во училиштето се реализираат следните проекти: Во учебната 2025/2026 година во училштето ќе се реализираат следните проекти:

***Интернационален проект – Differentiated enviromental instruction DIFERAL, Диференцирана инструкција за животна средина**
-Цел: Подобрување на еколошкото образование во училиштата преку диференцирана настава.
Исходи: Пилотирање на рамка за компетенции која помага да се развијат вештини и стратегии за инклузивно образование и одржлива средина.
Одговорен наставник: Билјана Арсовска

***Интернационален проект – Innovative Approaches for Development of Sustainable Cpmmunities for Kids, INNO KIDS Иновативни пристапи за развој на одржливи заедници од страна на децата**
-Цел: Едуцирање на децата од рана возраст за вредноста на одржливиот развој на заедницата и урбанистичкото планирање на еколошки начин со лего коцки.
Исходи: Едуцирање на наставниците за користење на алатки и вештини и пренесување на децата за врската помеѓу природните системи, урбаните пејзажи и еколошкото планирање на градот.
Одговорен наставник: Билјана Арсовска

***Интернационален проект – Through Upcycling to Design of Eco Cities, TUDEC, Повторна употреба до дизајн на еко градови**
-Цел: подобрување на компетенциите на наставниците со развивање на наставна програма и анимирани видеа.
Исходи: користење на иновативни методи за приближување на знаењето до учениците и во исто време да го поедностави пристапот на наставниците. Клучните компетенции се комбинација на знаења, вештини и ставови кои им овозможуваат на луѓето да се прилагодат на постојаните промени во општеството.
Одговорен наставник: Билјана Арсовска

***Интернационален проект – School Strreets, Училишни улици**
-Цел: подобрување на безбедноста во сообраќајот во непосредната околина на училиштата.
Исходи: збогатување на знаењето, вештините но и подигнување на свеста на просветните работници, претставниците на лолкалните власти и родителите.
Одговорен наставник: Билјана Арсовска
ООУ „Вера Јоциќ“ – Скопје и Општина Гази Баба се дел од проектот

*** Проект - Одбележување на Европска недела на мобилност**
-Цел: Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина
-Исходи: свесност кон зачувување на животната средина за подобро општество
Одговорен наставник: Билјана Арсовска

***Интернационален проект: Robotic Versus Bulling Амбасадор училиште на НВО пријатели во образованието.**

-Цел:развивање просоцијални вештини кај учениците–мир, солидарност, еднаквост, емпатија, помагање, инклузија, повеќејазичност, заштита од меѓуврснички насилство.
Одговорен наставник:Елизабета Пејкоска

***Проект: Еко училиште**
Цел: Проектот има за цел подигање на свеста кај учениците, наставниците и поширокатa училишна заедница за значењето на: **Заштитата на животната средина, Рационалното користење на енергијата**, **Чувањето и штедењето на водата**
-Исходи: Учениците стекнаа практично искуство и конкретно придонесоа за почиста околина: Поттикната е поголема лична и колективна одговорност за просторот во кој живееме, Училиштето доби поубав и попријатен изглед, Се промовираше тимска работа и свесност за заедничката иднина, Наставниците ги вклучија темите во наставниот процес (интердисциплинарно)
Одговорен наставник: Билјана Лазареска

Интернационален проект: SHIELD – Практично учење преку симулација на игра за подобрување на вештините за сајбер безбедност
Цели: Да се препознаат различни видови на онлајн закани (фишинг, лажни профили, крадење идентитет), Да се развијат критичко мислење и безбедносни навики при користење интернет, Да се поттикне тимска соработка и брзо донесување на одлуки.
Исходи: Учениците покажа висока вклученост, интерес и креативност во решавањето на сценаријата, Идентификуваше повеќе ризични ситуации и предложи соодветни безбедносни чекори, Ја разбра важноста од чување на лични податоци и препознавање на потенцијални сајбер закани.
Одговорен наставник: Билјана Лазареска

Проект: Мрежата за искуствено учење (МИУ)
Цели: Развивање на логичко размислување преку работа со шеми, Подобрување на препознавање и поврзување броеви со конкретни задачи, Поттикнување на комуникациски вештини преку решавање гатанки.
Одговорен наставник: Билјана Лазареска

Интернационален проект: Communication Skills for the Future
Цели: Да се поттикнат и унапредат комуникациските вештини кај учениците и наставниците, преку иновативни, културно сензитивни и интердисциплинарни пристапи, со фокус на: Јазична изразност, Тимска работа, Активно слушање, Невербална комуникација, Критичко размислување и решавање конфликти
Исходи: Подобрување на самодовербата и изразувањето кај учениците, Зголемена свесност за важноста на невербалната и интеркултурната комуникација, Поврзување со ученици и наставници од други европски држави., Примена на нови методи и техники во наставата, Зајакната соработка помеѓу наставниците од различни наставни предмети.
Одговорен наставник: Билјана Лазареска

***Проект: Селектирање и одлагање на одпад.**
Цел:развивање на свест за одлагање и селектирање на одпад, заеднички да придонесеме за почиста здрава животна средина.
Одговорен наставник: Ивана Јовановска

Ред. Бр	Име на проект	Цел на проектот	Исходи од реализација	Временска рамка	Вклученост на наставници
1.	**Искуствено учење Заштита на животна средина и климатски промени**	Надградување на постоечките и креирање на нови вештини и знаења од областите на заштита на животната средина и климатските промени во образовниот систем и реализирање на активности преку воннаставна програа	Надградување на постоечките и креирање на нови вештини и знаења од областите на заштита на животната средина и климатските промени во образовниот систем и реализирање на активности преку воннаставна програа	септември-јуни	Наставници од одделенска Стручна служба
2.	**Европска недела на мобилност**	Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина	Да се развие љубовта кон екологијата и да стекнат навики за заштита на животната средина	септември-јуни	Сите ученици од I до IX одд
3.	**Ангелчиња на пријателството**	Поттикнување на креативноста и фината моторика кај учениците Запознавање со симболиката на ангелите како симболи на мир и пријателство Размена на идеи и искуства со ученици и ментори од други училишта Јакнење на културна соработка меѓу институции и млади Воспоставување на врски меѓу училишта преку заедничка активност	Поттикнување на креативноста и фината моторика кај учениците Запознавање со симболиката на ангелите како симболи на мир и пријателство Размена на идеи и искуства со ученици и ментори од други училишта Јакнење на културна соработка меѓу институции и млади Воспоставување на врски меѓу училишта преку заедничка активност	септември - мај	Билјана Лазареска
4.	**Училиштето е регистрирано на платформата E-twinning**	Преку која се реализираат најразлични проекти со училишта од други земји. Преку овие проекти се остварува директна комуникација на наставниците и учениците приклучени во конкретниот проект.	Целта на овие проекти е споделување на позитивни практики и размена на искуства меѓу наставниците и учениците како и запознавање со другите култури.	септември-јуни	Наставници од 1 до 9 одд.
5.	**„ Меѓуетничка интеграција во образованието“**	Проект во рамки на кој се реализираат активности насочени кон остварување на главната цел - учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество,	Почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.	септември-јуни	Наставници од 1 до 9 одд.

6.	**INNO Kids**	Едуцирање на децата од рана возраст за вредноста на одржливиот развој на заедницата и урбанистичкото планирање на еколошки начин со лего коцки.	Едуцирање на наставниците за користење на алатки и вештини и пренесување на децата за врската помеѓу природните системи, урбаните пејзажи и еколошкото планирање на градот.	септември - декември	Билјана Арсовска Даниела Наковска Виолета Поповска Кристина Петковска
7.	**Ретки се**	Подигнување на свеста за лицата со ретки болести	Разбирање, прифаќање за децата со посебни потреби	Февруари - март	Катерина Богдановска Костадиноска, Билјана Арсовска Виолета Поповска Кристина Петковска
8.	**Ораторска вечер**	Поттикнување на размислување, и решавање проблеми, подигнување на важноста и свеста за јавно говорење, справување со тремата пред јавен настап и покажување на моќноста и уникатноста на личноста	Јавно говорење и претставување на својот став и мислење	Ноември-декември	Јасминка Трајковиќ

15.Поддршка на учениците

15.1. Постигнувања на учениците

Постигањата на учениците се составен дел од извештаите за успех кои редовно се следат, бележат и се прават споредбени резултати. Анализата на постигнатите резултати по паралелки и години ќе ја прават стручната служба и стручните активи и оттаму ќе произлезат конкретни активности за нивно подобрување.

Во текот на целата учебна година ќе се следат постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение. Ќе се прави анализа на успехот по предмети, за учениците кои постигнуваат послаби резултати ќе се организира дополнителна настава. Ќе се идентификуваат и надарените ученици за кои ќе се организира додатна настава каде учениците ќе ги продлабочуваат и прошируваат веќе стекнатите знаења. Исто така ќе се идентификуваат и учениците кои имаат потешкотии во учењето, со нив стручните соработници ќе обавуваат советодавни разговори и ќе ги упатуваат на ефикасни техники за учење и стекнување на работни навики.

Училиштето има изготвено *процедура за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето:*

-Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;

-Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);

-Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;

-Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;

-Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;
-Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;
-Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);
-Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции (Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Регионално стручно тело за проценка на функционирање попреченост и здравје, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;
Училиштето посветува внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците како преку редовната настава така и преку медиумите, веб страната на училиштето и преку социланите мрежи. Училиштето креира политики за поттикнување на наставниците и учениците во поголем број на натпревати на локално, регонално и државно ниво.
Согласно Законот за основно образование и интерниот *Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето* се спроведува следата процедура за наградување ученици:
- пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;
-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);
-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;
-на ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;
-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);
-пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;
-за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација. -
училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение

15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионалната ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.
На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на основното образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната

професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси.
Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимање, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование.
Согласно програмата за професионална ориентација на учениците, нашето училиште работи на основната цел од ова подрачје а тоа е поттикнување на учениците најпрво да ги осознаат своите интереси и способности, да се запознаат со светот на занимањата, да превземат одговорност за својата иднина преку донесување на промислена одлука за изборот на средно образование/професија и на тој начин да постигнат успех во планирањата на својата кариера.

15.3. Промоција на добросостојбата на учениицте, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Основна задача на училиштето и целокупниот воспитно-образовен кадар е намалување на насилното однесување и спречување на појавите на дискриминација. За таа цел училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување и дискриминација по било која основа, со која се предвидени индивидуални и групни активности преку кои се врши едукација на учениците за препознавање и пријавување на сите видови насилство.
Во програмата се дефинирани видовите насилства по злоупотреба и занемарување, разни видови активности, работилници, техники, методи, како да се зајакне соработката со родителите и позитивната дисциплина, клима и соработката во училиштето. Составен дел на програмите и превентивните активности е соработката со родителите на учениците, кои се важен фактор во сузбивањето на сите појави на несакано однесување кај учениците. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците.
Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Училиштето има изготвено процедура за пријавување на појавите на насилство.
Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокота околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство. Во случај на сомневање за постоечка злоупотреба (физичка, емоционална или сексуална) и занемарување на децата, без при тоа да се има јасна информација за тоа, наставниците и стручните соработници кои доаѓаат во контакт со детето и со неговото семејство го пријавуваат случајот до Центарот за социјална работа.
Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба од кои добива поддршка во грижата за децата од семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) во рамки на училишниот Клуб за превенција и едукација. Планот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и занемарување, спречување дискриминација е даден во прилог.

План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, спречување дискриминација

Содржина на работа	Цел	Ресурси	Реализатори	Време на реализација
Запознавање за сите вработени со упатството за постапка за пријавивање и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување	Запознавање на наставниците со новата програма за ненасилство во училиштата и нејзините цели за новата учебна година 2025/2026	Матерјали од обука и стручни матерјали, Интернет	Директор Стручна служба	Септември 2025
Означување на контакт лице за пријавување на насилство	Прием и обработка на пријави за насилство, превземање на мерки за спречување на однесувањето	Правилник за насилство и заштита на жртви од било кој форма на насилство	Директор Психолог	Септември 2025
Информирање на учениците од одд. заедница за Упатството и давање мислења за изработка на интерен акт за промоција на добросостојбата на учениците и заштита од сите видови насилство	Запознавање и вклучување на учениците во изработка на интерен акт за промоција на добросостојбата на учениците и заштита од сите видови насилство согласно Упатството	Стручен матерјал и материјали од интернет	Стручна служба Наставници	септември 2025
Можност за анонимно пријавување на насилство	Да се постават кутии за пријави на видно место или онлајн формулар каде учениците ќе можат и анонимно да пријават и споделат	Правилник за насилство и заштита на жртви од било кој форма на насилство	Стручна служба	Септември 2025
Интерна обука на тема „ Препознавање на насилство и справување со насилството“	Подигнување на свеста и промена на вредностите и ставовите за различностите, човековите права, родови еднаквости, ненасилна комуникација, развивање на емпатија и почитување на интегритетот и достоинството на другите.	Прирачници, протоколи, препораки, истражувања за состојбата, упатсво за заштита, интерни акти	Катерина Б.Костадиноска - педагог	Октомври 2025
Работилница со родители	Вклучување на др.наставници во тимот,нови размислувања,мислења и запознавање и вклучување на родители преку предавање	Наставници родители интернет	Стручна служба	Ноември Декември 2025
Изготвување на прашалници за ученици, наставници и родители или др.материјали	Прибирање на податоци (дијагностицирање на состојбата)	Прашалници и стручен материјал	Училишен тим	Декември/ Јануари 2025/2026

Работилници за ученици , родители и наставници	Успешна реализација и иплементација на новата програма за ненасилство	Осмислување и дизајнирање на работилниците	Училишен тим Стручна служба Тимот за соработка со родители	Месец февруари 2026
Дебата на ученици/ученички парламент, наставници, родители	Превенција односно намалување на насилното однесување во училиштето	Училница	Училишен тим	Месец март/април 2026
Реализација на работилница со ученици	Превенција, односно намалување на насилното однесување во училиштето	Работилница	Стручна служба	Месец април 2026
Творење ликовни и литературни творби	Промовирање на новата програма за ненасилно однесување преку цртежи	Детски цртежи и литературни творби со тема на ненасилство	Катерина Б.Костадиноска Училишен тим Ученици Одд. наставници	Месец Мај 2026
Соработка и вклучување на локалните медиуми	Промовирање на програмата за ненасилно однесување на локалните медиуми	Изложба и литературно читање	Училишен тим Стручна служба	Тековно 2025-2026
Изработка на флаер	Промовирање на новата програма за ненасилно однесување за поширокатa јавност	Стручна и помошна литература, изработки од ученици	Ученици Училишен тим Родители Тим за соработка со семејството	Мај 2026
Извештај од планирани активности	Согледување на степенот на реализацијата на програмата	Извештај и документација	Училишен тим	Месец Јуни 2026

ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБУВАЊЕ И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

Принципи според кои се спроведува постапката:Најдобар интерес на детето, почитување на различностите и забрана за дискриминација, почитување на правото на самоопределување, учество, приватност, доверливост, жртвата не е виновна, пропорционалност, информираност, стручност и одговорност, должно внимание, забрана за непотизам и корупција
Чекори на интервенција:

I Препознавање и пријавување на насилство

1.Било каков вид на насилство се пријавува кај контакт лице (стручен соработник) за пријавување на насилство или кај било кој вработен во училиштето во кој што ученикот има доверба
2.Сите ученици, вработени во училиштето се должни да пријават насилство без разлика каде се случило (во училиштето, на патот до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или било кое друго место)

3.Наставниците, стручните соработници, директорот треба да поседуваат знаења, вештини за препознавање на насилството, да обезбедат извор на информации за појавата на насилното однесување, да внимаваат каде се случува, да знаат да утврдат дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно

II Прибирање на информации

1.Разговор со ученикот кој е жртва на насилно однесување
2.Разговор со учесниците сторители во насилното однесување
3.Разговор со учениците сведоци на насилството или кој било друг ученик или возрасен засегнат од насилството
4.Информирање на одделенскиот раководител, родителите и стручните соработници за учениците кои се жртва на насилното однесување, и учесниците сторители

III Прекинување на насилство и смирување на ситуацијата

1.Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата и вработените се должни веднаш да го прекинат насилството и да превземат активности за смирување на ситуацијата
2.Информирање на контакт лицето
3.Во зависност од формата на насилството, прво, второ, трето ниво по потреба се вклучуваат и други институции МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи

IV Советодавно-консултативна работа

1.Советодавно-консултативна работа со ученикот кој е жртва на насилно однесување
2.Советодавно-консултативна работа со учесниците сторители во насилното однесување
3.Советодавно-консултативна работа родителите на учениците кои се жртва на насилно однесување и родителите на ученици сторители во насилното однесување

V Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот

1.Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој по потреба се вклучуваат и други лица (наставници, стручни соработници, директор, претставници од други институции, здруженија)
2.Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој задолжително се вклучени претставници од Центарот за социјална работа, МВР, здравствени институции
3.Мерки за промена на однесувањето на сторителот (психосоцијална социјална подршка од страна на училишен психолог, упатување на родителите/старателите на психо-социјално советување во надлежна установа)
4.Изрекување на соодветна педагошка мерка, член 72 од ЗОО
5.Следење на ефектите од педагошките мерки од страна на одделнските наставници и раководители и стручните соработници
6. Преместување на жртвата во друга паралелка или училиште по соптсвена желба
7. Преместување на сторителот во друго училиште (не како педагошка мерка) 8.Мерки за поддршка на набљудувачите /сведоците

V Водење на евиденција за појавата на насилното однесување

1.Евидентирање на секој случај на насилство од страна на контакт лицето во формуларите за евиденција, формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот

2.Евидентирање на насилното однесување во евидентниот лист за дежурен наставник

VI Меѓусекторска соработка

1.Вклучување на претставници од други институции при појава на насилство МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, Министерство за труд и социјална политика, здравствени установи, Министерство за здравство, здружение на граѓани кои нудат бесплатна правна помош, Народен правобранител....

2. Вклучување на претставници од локална самоуправа

16.Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

- Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
- Учениците кои се опфатени во вториот период од IV-VI одделение се оценуваат со описни оценки на крајот на првиот, вториот и третиот класификационен период, а нумерички на крајот на учебната година.
- Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникотна паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика,наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување, како и инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...) кои имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците.

За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП, оценувањето се врши согласно Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост, ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот/ старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

Наставниците ќе применуваат формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за наставата.

При *<u>формативното оценување</u>* во виртуелната училница наставниците ги користат следните постапки:

-Запознавање со целите на учењето и очекуваните резултати од учењето.

-Поставување прашања и задачи низ кои може да се види разбирањето на она што се учи

-Користење на разновидни методи и техники за проверување.

-Вклучување на учениците во оценувањето (самооценување и заемно оценување) заради учење едни од други.
Исто така наставниците континуирано ќе даваат повратна информација која може да биде во различни форми, но секогаш треба да биде детална и конкретна, со насоки за подобрување на учењето. Секоја повратна информација треба да ги содржи следните елементи: (1) што е добро направено, (2) што треба да се подобри и (3) што ученикот треба да направи за да го подобри тоа.
Таа може да биде во пишана форма, аудиоформа или видеоформа, а најсодветене директниот разговор со ученикот преку телефон или онлајн апликации за комуникација (што ги овозможува платформата или други апликации што ќе ги користат училиштата итн.
Сумативното оценување треба да ги поседува следните карактеристики:валидност, веродостојност, објективност, правичност/непристрастност, транспарентност и јасност.
При формирањето на сумативната оценка наставникот има предвид колку ученикот бил активен во процесот на учењето.
Најчести дигитални техники што можат да ги користат наставниците за да се вреднува напредувањето и постигањата на учениците, односно најчести дигитални техники за формативно и сумативно оценување, во зависност од перформансите на соодветната платформа, се: објективни тестови со избор од понудени одговори, тестови со краток одговор, есејски прашања, дискусии, студија на случај, изведбени активности, онлајн игри, ученички списанија, блогирање, електронско портфолио (збирка на ученички творби што ги покажуваат резултатите постигнати од ученикот преку различни активности во наставниот процес, на пример: есеи, постери, фото графии, видео и аудиозаписи, ликовни творби и сл.) и др.
Во случај на потреба од повторна проверка на знаењата на учениците, поправен испит или за побрзо напредување во училиштето се формира испитна комисија.
За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работнидена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.Комисијата е составена од претседател и два члена- испитувачи.Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а зачленови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се вршипроверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.
Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваати споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.
При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата, односно оценките.
Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена повратна информација за нивните постигања. За истата целнаставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.
Училиштето дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните

соработници, како и поддршка на наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата навоспитно-образовниот кадар

Со цел подобрување на квалитетот на наставата од особено значење е следење на квалитетот на работата на воспитно —образовниот кадар. Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручните соработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови начини преку кои може да се види истата.

Училиштето има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати во годината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид во работатат на секој наставник. Увидите имаат за цел да му помогнат на наставникот во подобрување на квалитетот на работата .

Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива ворамките на три подрачја :

- Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
- Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
- Следење на квалитетот на дополнителна и додатна настава;
- Следење на реализацијата на воннаставните активности;

За следењето на квалитетот на реализација на наставата изготвени се следните инструменти:

Формулар за увид во годишно-глобално планирање- предметна настава

Одделение	Наставник	Дата на увид
Индикатори		
Годишен глобален план по предмети		
Годишен глобален план за секој предмет одделно по теми, број на часови и време за реализација		
Меѓутематска и меѓупредметна корелација и интеграција		
Конкретни цели за секој предмет одделно		
Програма за дополнителна настава		
Програма за додатна настава		
Програма за воннаставни активности		
Планирање час за одделенска зедница		
План за имплементирани содржини од екол. едукација во макед. образовен систем		
Планирани содржини за МИО		
Планирани содржини за претприемничко учење		
Планирање на ИКТ во наставата (Е содржини, линкови)		
Планирање задавање домашна работа		
Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби (крај на септември)		
Програма за соработка со родители		
Програма за екскурзии		
Критериуми и стандарди за оценување		

Формулар за увид во тематско-процесно планирање-предметна настава

Одделение	V	VI	VII	VIII	IX
Индикатори					
Цели на темата					
Наставна содржина					
Тип на час					
Очекувани исходи					
Наставни форми					
Наставни методи					
Современи техники на учење и поучување					
Наставни средства и материјали					
Методи за следење на постигањата на Учениците					
Среднорочен ИОП за ученици со ПОП					

Формулар за увид во годишно-глобално планирање- предметна настава
Формулар за увид во тематско-интегрирано планирање

Одделение	Дата на увид
Индикатори	
Наслов на наставна тема	
Време на реализација	
Наставни содржини	
Цели по предмети	
Очекувани резултати	
Активности по предмети	
Наставни форми	
Наставни методи	
Наставни средства	
Современи техники на учење и поучување	
Методи за следење на постигањата на учениците	
Соработка со родители	
Среднорочен ИОП за ученици со посебни Потреби	

Инструмент за евалуација на сценарио на наставникот

Датум_____ Одд.____

Наставник_____

Предмет_____

Тема_____

Содржина_____

Елементи од дневна подготовка	целосно	делумно	изостанува
Наставната содржина е во врска со тематското распределение			
Дефинираните цели се соодветни на содржината за дадениот наставен час			
Наставникот има јасна претстава какви промени кај учениците очекува од тој час – јаснодефинирани очекувани исходи			
Структурата на часот е поделена во фази и дадени се активности за секоја фаза			
Предвидените наставни форми и методи се во согласност со содржината што ќе се обработува			
Наставникот планира користење современитехники на учење во наставата			
Наставникот има планирано користење на соодветни нагледни средства			
Наставникот има испланирано активности со користење на ИКТ/Е - содржини кои сесоодветни на поставените цели			
Предвидените активности за учениците и наставникот се соодветни на поставените цели			
Наведени се активности и инструменти, методии техники за оценување на часот			
Наставникот планира домашна задача			
Наставникот води рефлексивни забелешки за поставените цели, очекуваните исходи од часоткако и за ефикасноста на часот			

Инструмент за посета на час

Датум_____ Одд._____

Наставник_____

Предмет_____

Тема_____

Содржина_____

Тип на часот _____

Елементи од наставниот час	Целосно	Делумно	Изостанува
Училницата претставува пријатна атмосфера за работа (нагледни средства, изработки од учениците и сл.)			
Текот на часот се одвива според дневното планирање			
Наставникот ги користи претходните знаења научениците во воведувањето на новиот Материјал			
Наставникот ги запознава учениците со очекуваните резултати кои треба да ги постигнат на крајот од часот			
Наставникот адекватно ги користи планираните форми и методи			
Наставникот користи современи техники на учење во наставата			
Наставникот соодветно користи различни нагледни средства			
Наставникот користи ИКТ/Е-содржини			
Наставникот активно ја следи, координира и насочува работата на учениците			
Присутна е отворена позитивна атмосфера, соработка и взаемно почитување меѓу учениците и наставникот			
Наставникот користи постапки, инструменти заоценување			
Инструментите за оценување содржат јасни критериуми за оценување			
Наставникот им дава повратни информации на учениците за нивниот напредок и насоки за подобрување на учењето			
Планираните активности за учениците се во функција на постигнување на целите на часот			
Наставникот задава домашна задача со јасни насоки за нејзина изработка			

16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата за работата на училиштето се спроведува согласно Законот за основно образование и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта на крајот на секоја втора наставна година.
Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).
Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.
Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

17. Безбедност во училиштето

Безбедноста и здравјето во училиштето во суштина подразбира создавање на услови за учење и работа во кои се преземаат мерки и активности со цел заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица кои на тоа имаат право. За непречено одвивање на воспитно-образовниот процес од особена важност е сите субјекти во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно. Родителите очекуваат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина за учење и да се чувсвтвуаат пријатно. За таа цел во училиштето постои видео надзор, физичко обезбедување и дежурни наставници. Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето вослучај на вонредни ситуации и тоа:
-Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи;
-План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
-План за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште;
-Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
-Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природнатакатастрофа), Тим за против пожарна заштита и одржување, Тим за комуникација и обезбедување и Тим за евакуација. Училиштето секоја учебна година планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди, по потреба добива поддршка од Црвениот крст на град Скопје, Против пожарната единица, Полициска станица и Брзата помош.

18. Грижа за здравјето

Акционен план за безбедност во училиштето за 2025/26					
Задача	**Активност**	**Временска рамка**	**Носител**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Обучувањена наставниците за пружање прва помош	Обука по прва помош	Во текот на учебнатагодина	Акредитирани организации	Компетентни и сертифицирани наставници за укажување прва помош	Директор
Обучување на вработенит е во училиштето за безбедност и здравје при работа	Обука на вработените во училиштето за безбедност и здравје	Секоја трета година	Акредитирани организации	Стекнати основни знаења за безбедност и здравје на работното место	Директор
Унапредување на знаењата на Учениците за пружање прва помош	Информативно и едукативно предавање на учениците за прва помош и заштита	Во текот на учебната година	Одговорни наставници од Клубот за едукација и превенција Ученици-членови на Подмладокот на Црвен крст	Стекнати основни знаења за значењето на првата помош и вештини за укажување на прва помош	Клуб за едукација и превенција
Унапредување на знаењата на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи	Едукативно предавање На учениците За превенција и заштита од Природни и други несреќи Вклучување на Учениците во Процесот на Планирање на Плановите за заштита и евакуација	Во текот на учебната година	Одговорни наставници од Клубот за едукација и превенција Ученици- членови на Подмладокот на Црвен Крст	Зајакната свест кај учениците за значењето на подготвеноста за елеменентарни непогоди	Клуб за едукација и превенција
Спроведување симулациска вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)	Спроведување Интерна вежба за евакуација Одредување лица одговорниза евакуација на учениците со ПОП	Во текот на учебната година	Тим за спроведување на симулација Претставници од Црвен крст/ одговорни наставници Сите ученици и вработени полиција, противпожарна единица брза помош	Обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи	Директор Тим за спроведување на симулација
Евалуација на вежба по нејзината реализација	Проценка на успешноста по реализацијата на вежбата за евакуација	По завршување на вежбата	Тим за евакуација	Согледување на недостатоците и корекција на постоечките планови и протоколи за заштита	Директор

18.1.Хигиена во училиштето

За одржување на хигиената во училиштето е одговорен техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.
Техничкиот персонал според утврдените задачи редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор редовно се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични детоксични средства. Во санитарниот простор редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Еднаш месечно се чистат, бришат, полираат дрвените и стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржуваат тековно чисти, хортикултурно средени со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува и интерни работни акции за средување на работното катче.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со -Поликлиника Ченто;Стоматолошка ординација-Ченто, Републички завод за здравствена заштита-одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите.За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.
Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од Iодд до VIодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.
За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во Поликлиника Ченто со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.
Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.
Вакцинирањето се врши во Поликлиника Ченто во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

-I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит)
- II одд. и III одд. - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС . По добиените резултати од проверката следи вакцина.
-VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.
Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените , а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
 -IX одд.-само девојчињата се ревакцинираат од рубеола а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници:,,Здрава храна за детство без мана“, „Умерена и разновидна исхрана “, „Колку сме „слатки“ ако јадеме слатки “, “.„Со брза храна станав спор“.
Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна.
За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана.

19.Училишна клима

19.1 Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците, и преку соработката на учениците со своите наставници, како и меѓу себната соработка на наставниците и соработката на раководниот тим и стручните соработнични на училиштето. Целиот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со учество на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во **Кодексот на однесување на училиштето**. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.
*Напомена : Правилниците се во прилог на Годишната програма. Распоредот на дежурни наставници е исто така дел од прилозите.
 Контролата на движење и активности во училишниот двор ќе се обезбеди преку постоечкиот систем за видео надзор

Акционен план за подобрување на училишната дисциплина				
Активност	**Задача**	**Носител на активноста**	**Време на реализација**	**Очекувани ефекти**
Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето	Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на Училиштето	Директор Одговорен наставник за распоред на часови	На почетокот на учебна година	Безбедно одвивање на наставниот процес
Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени	Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор	Директор Одговорен наставник за распоред на часови	На почетокот на учебната година	Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор
Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на Ученичкиот парламент	Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето	Одговорните наставници на Ученичкиот паралмент и учениците , членови на истиот	Во текот на учебната година	Соодветно однесување од странана учениците
Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците	Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на Соучениците	Одделенските раководители и учениците	Во текот на учебната година	Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените
Очекувани исходи од планот за подобрување на дисциплината				
Критериуми за успех	Инструменти	Индикатор за успешност	Одговорни за следење	**Повратна информација**
Намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници намален број изречени педагошки мерки за учениците	писмена евиденција од дежурства на наставниците евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници	намален број советувања на ученици и родители одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.	директор, одделенски наставници класните раководители, стручни соработници дежурни наставници	Подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата почитување на правилата на однесување во училиштето. Намален број на изречени педагошки мерки за учениците намален број на повикани родители на советување

19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето				
Активност	**Задача**	**Носител на активноста**	**Време на реализација**	**Очекувани ефекти**
Изложување творби во училиштетоизготвени од страна на учениците	Одбележување значајни датуми и поводи	Наставниците и учениците	На почетокоти во текот на целата учебна година	Одбележани значајни датуми и поводи
Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето	Поттикнување на учениците за творење	Одговорни наставници ученици	Важни датуми и поводи во текот на учебната година	Естетско уредени училници и ходници во училиштето Развиени естетски вредности кај учениците
Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието	Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците	Наставници Ученици родители	Во текот на учебната година	Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите Развиени претприемачки вештини
Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор	Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање	Одговорни наставници и учениците	Октомври, март	Развиена еколошка свест кај учениците
Очекувани исходи од планот за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето				
Критериуми за успех	Инструменти	Индикатор за успешност	Одговорни за следење	**Повратна информација**
Естетски уреден ентериер и опкружување Одбележување на важни празници Одбележување на денови од Еко календарот Одбележување на патрониот празник Одбележување на постигнати поголеми успеси на домашно и меѓународно ниво	Анкетни прашалници за родителите и учениците предлози од ученици, родители	Позитивни искази од ученици и родители и од локалната заедница признанија и награди на ниво на општина и град посети од видни личности (градоначаник и неговиот тим, МОН, БРО и др.) записници од увиди на инспекторите од МОН и Секторот за образование во рамки на нашата општина	Директор Стручни соработници Наставници Технички персонал Еко тим Тим за естетско уредување на училиштето Тим за подготовка за одбележување на поважни празници Тим за подготовка за одбележување на Денот на нашето училиште	Естетско уредени училници и ходници во училиштето развиени естетски вредности кај учениците функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето; развиена еколошка свест и претприемнички вештини кај учениците Промоција на сопственото училиште и неговата успешната работа Промоција на постигнатите успеси како на домашно и на меѓународно ниво

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник, поважни празници (Нова година, Велигден, Бајрам) како и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за учество на учениците во естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

19.3 Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители) инвилвирани во воспитно образовниот процес. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

- Етички кодекс за однесувањето на учениците, наставниците и родителите;
- Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците
- Еко-кодекс

Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

Прилог:1 **Правилник за однесување на ученици, наставници и родителите**

Правилникот за однесување на учениците, родителите и наставниците ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа. Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што сите учесници во воспитно- образовниот процес имаат можност постојано да ги проследуваат и да се потсетуваат на истите.
Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Ученикот треба:

- **навреме и редовно да доаѓа на настава;**
- **да се грижи за училишниот инвентар (клупите, компјутерите, столчињата и сл.);**
- **да се грижи за хигиената во училиштето, училишниот двор и блиската околина;**
- **да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;**
- **да доаѓа уреден;**
- **на часовите внимателно да слуша и да ги извршува училишните обврски;**
- **да придонесе за одржување на работната атмосфера;**
- **редовно да носи училиштен прибор;**
- **секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување;**
- **да доаѓа на училиште пристојно облечен;**
- **секогаш и секаде да внимава на својот речник и јазик, кој треба да е литературен, јасен и пристоен;**
- **да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;**
- **да помага на послабите ученици;**
- **да се однесува примерно и да се изградува во личност во која секој ќе може да има доверба;**
- **да се грижи и да придонесува во градењето на позитивни односи со сите ученици врз основа на другарството;**
- **да не користи мобилен телефон за време на часовите;**
- **да не носат вредни предмети во училиште, а доколку се загубат одговорноста е нивна;**
- **да не излегува непотребно од час;**
- **да не вика по ходниците, да не трча и да се придржува кон правилата на однесување;**

- **отпадоците да го фрли во корпа за отпадоци;**
- **да влезе во училницата штом го слушне ѕвончето;**
- **да внимава на своето однесување и да не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;**
- **да им се обраќа со почит на возрасните;**
- **да користи пристојна лексика;**
- **културно да поздравува ; и да не користи вулгарни зборови кога комуницира;**
- **да не носи предмети со кои би можел да ги повреди другите ученици;**
- **да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;**
- **да не ги потценува способностите на своите соученици;**
- **како повозрасен да се однесува коректно кон помалите;**
- **го сослуша внимателно и да го почитува мислењето на другиот;**
- **да ги почитува различните од себе;**
- **да биде искрен со своите родители, дури и да згреши, тие ќе имаат разбирање за неговите постапки;**
- **редовно да ги информира родителите за случувањата во училиштето;**
- **задолжително на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;**

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

Родителот- старателот треба:

- **да го почитува куќниот ред на училиштето;**
- **при влегувањето во училиштето, задолжително да се пријави кај дежурниот ученик;**
- **да го почитува времето и денот предвидени за прием кај наставниците;**
- **на соодветен култирен начин да комуницира со персоналот во училиштето и соодветно да се однесува со нив;**
- **редовно да се информира за постигнатиот успех и поведение на своето дете;**
- **редовно да ги исполнува обврските што ги има кон училиштето (матерјиални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);**
- **да не ги игнорира потенцијалните проблеми на сопственото дете и да реагира превентивно и благовремено;**
- **задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето;**
- **да има на ум дека неговите постапки се пример за однесување на сопственото дете;**
- **да знае дека училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека.**

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставникот треба:

- **да се грижи за просторот во кој држи настава;**
- **да го почитува времетраењето на часот;**
- **секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;**
- **постојано да се стреми кон свој професионален развој и усовршување;**
- **да ја почитува личноста на секој ученик;**
- **професионално да се однесува за време на часот;**
- **реално да го вреднува знаењето на ученикот;**
- **да им помага на учениците, преку разни форми на активности;**
- **да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат на час и во училиштето;**
- **редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;**
- **правилно да го насочува родителот за решавање на евентуални проблеми;**
- **да ги почитува колегите, да соработува, разменува мислења и искуства;**
- **да учествува во работата на стручниот актив;**
- **редовно да присуствува на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето и да ги почитува одлуките од истите;**
- **да е придонесува за пријатна работна атмосфера и позитивна клима;**

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ

Вработените во училиштето треба:
➢ **да ги извршуваат работните задачи што се во описот на нивното работно место;** ➢ **да соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот** ➢ **да доаѓаат навреме на работното место;** ➢ **да остваруваат коректна комуникација со останатите вработени во училиштето** ➢ **да биде достапен за родителите и учениците во термините за прием одредени од самиот вработен;** ➢ **со својот лик, однесување, говор и култура да биде пример за учениците и вработените во училиштето;**

Прилог.2 Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците

Етичноста е дел од личниот систем на вредности. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме дека така треба и сакаме така да се однесуваме.
Вредности: почитување, демократичност, чесност, праведност, интегритет, храброст.

Ученикот се согласува:
➢ **Оценувањето да биде транспаретно** ➢ **Соодветно одговараат на поставените барања во воспитно-образовниот процес** ➢ **Ги прифаќаат насоките дадени од наставникот** ➢ **Да не се злоупотребуваат проверките на стекнатите знаења**
Родителот се согласува:
➢ **Да го поддржуваат учењето на своите деца и да се залагање за правично оценување;**

- **Да се воздржат од несоодветно однесување со кое би ги довеле своите деца во недозволива состојба во однос на другите деца;**
- **Да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето;**
- **Кај своите деца да вродат правичност и чесност во процесот на оценување на нивните знаења од страна на наставниците;**
- **Да попречуваат евентуални обиди со недозволени постапки со цел да се зачуваа објективноста при оценувањето.**

Наставникот се согласува:

- **Да бидат непристрасни, објективни, позитивни, отворени и подготвени да им ја дадат подршка и помош на учениците во процесот на оценувањето;**
- **Оценувањето да биде транспаретно и објективно;**
- **Да се промовираат високи морални вредности;**
- **Да не се подлегнува на поткуп и притисоци од надворешната средина при процесот на оценување;**
- **Да се почитува личноста на ученикот и родителот;**
- **Да има солидна соработка со останатите колеги, во процесот на оценувањето;**
- **При оценувањето да не прават дискриминација на учениците по било која основа (национална, верска, полова, расна, социјална сосотојба и сл.);**
- **Да се спротистават на неетичко однесување на други субјекти при процесот на оценување;**

Директорот и стручните соработници во училиштo се согласува:

- **Да создадат култура на правично и објективно оценување;**
- **Да ги заштитуваат правата на приватност во оценувањето на учениците;**

- **Да обезбедат праведен процес при примедба во врска со оценувањето;**
- **Да спречат евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето.**

Институциите надлежни за образованието треба:

- **Навреме да подготвуваат и поднесуваат квалитетни нормативни акти со кои се регулира оценувањето;**
- **Навреме и непристрасно да реагираат на приговори, жалби и молби во врска со оценувањето;**
- **Информациите од оценувањето кои им се службено доставени да не ги користат за ненаменски цели или на начин кој би произвеле или би довеле до негативни последици;**
- **Професионалната позиција да не ја користат за приватни цели поврзани со оценувањата;**

Еко-кодекс на однесување во училиштето

Здрава училишна средина - здрави и среќни ученици!

- **Грижи се за хигиената во училиштето, тоа е твојот втор дом!**
- **Одржувај ја уредна твојата училница - таа е наше огледало!**
- **Грижи се за растенијата во твоето училиште, тие ни го подобруваат дишењето!**
- **Негувај го и чувај го зеленото богатство во нашиот училишен двор!.**
- **Имаме канти, таму е местото за отпадоците!**
- **Собирај ја и складирај ја веќе употребената хартија на соодветно место!**
- **Биди самостоен, дојди на училиште со твојот велосипед!**
- **Селектирај, рецикирај и повторно употреби!**
- **И сончевата светлина е убава, штеди електричната енергија!**
- **Водата треба да се штеди!**

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Ефективната организациска комуникација која е карактеристична за нашето училиште се фокусира на отворени и директни односи меѓу вработените и менаџерот, притоа резултирајќи со подобрување на посветеноста, продуктивносат и организациските резултати. Организациската комуникација ги сплотува сите членови на училиштето и ги води во една насока кон остварување на поставените цели. Училиштето по пат на ефективна комуникација успева да воспостави принципи на успешно училиште, подготвено на промени и динамичност. Организациската комуникација вклучува интеракција помеѓу поединците и групите во училиштето, промовира заеднички вредности, охрабрува тимска работа и развива цврсти врски помеѓу сите структури.

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него: директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи. Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.

Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-обрзовен кадар

20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставничките компетенции за да се создаде квалитетен воспитно-образовен процес, а со самото тоа од тој процес да произлезат генерации на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високо квалитетни постигнувања. Преку професионалниот развој на наставниците се овозможува еден континуиран целоживотен процес на наставникот за стекнување, проширување и продлабочување на неговите знаења како и стекнување вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставните и воннаставните активности со учениците. Не треба да се заборави дека преку професионалниот развој наставникот се оспособува да соработува со неговите колеги, училишниот менаџмент, училишната стручна служба како и родителите на учениците и локалната заедница каде функционира училиштето во кое тој работи. Преку континуираниот професионален развој наставникот се оспособува спремен да ги дочека сите промени во сферата на образованието кои ги носи државниот, односно општествениот систем, а тоа значи успешно да се соочи и да ги примени сите новопродуцирани реформи поврзани со образованието.

Од големо значење е активното вклучување на базата, односно воспитно-образовниот кадар во сите етапи од истражувањата наменети за воспоставување промени, тргнувајќи од тоа дека:

- воспитанието е специфичен процес за кој многу тешко може однапред да се предвидат и пропишат соодветни решенија;
- во воспитно- образовниот живот, сите суштествени промени треба да бидат поддржани од повеќетно наставници и за истите да има соодветна клима за спроведување во дело;

- на воведувањето новитети во делот на континуиран професионален развој на воспитно- образовниот кадар треба да му претходи евалуација и конструктивна расправа во однос на добиените резултати;
- за евалуација и презентација на постигнатите резултати од своето работење, пред сѐ се одговорни самите наставници.

Наставниците, стручните соработници и директорот се посветени и ангажирани во активности за обезбедување на повратни информации за работата и поддршка на професионалниот развој на секој поединец во училиштето. Училиштето негува култура на доживотно учење и сите (вклучувајќи ги и наставниците/стручните соработници почетници и вработените на определено време) имаат можност да добијат поддршка соодветна на нивните индивидуални потреби за најдобро да излезат во пресрет на потребите на учениците.

Наставничката професија во општеството има многу значајна улога, наставниците треба да бидат професионалци и континуирано треба професионално да се развиваат. За таа цел потребно е наставникот да поседува солидно општо образование, добро да го познава материјалот и проблемите поврзани со предметот кој го предава, а исто така треба да има и основно познавање од педагогија, психологија и методика на предметот кој го предава од причина што тие се од круцијално значење во реализацијата на успешен воспитно-образовен процес.

Основа на која се заснова ваков облик на стручно усовршување подразбира тимска работа која дава можност за соработка, создавање и размена на идеи, што ќе овозможат поголема ефикасност, развивање на нови успешни пристапи, збогатување на сопственото знаење, развивање на мислењето и формирање нови современи погледи.

Професионалниот развој на наставниците може да се спроведува во и надвор од училиштето. Кој начин и да се одбере, важно е профсесионалниот развој да биде континуиран, добро испланиран, применлив и функционален, а на крај преку него да се зголеми професионалниот ангажман и знаење на наставницита со цел кај учениците да се бележи напредување и успех во совладувањето на наставниот материјал содржан во наставните програми.

Училиштето во однос на професионалниот развој на наставниците треба да спроведува нагледни часови, кои подоцна ќе подлежат на дискусија и анализа. Училиштето треба да спроведува сопствени истражувања поврзани со воспитно-образовниот процес, проекти во кои главниот интерес ќе биде насочен кон воспитно-образовниот процес, најразлично усовршување на наставниот кадар насочено според потребите кои ги имаат наставниците за поуспешно изведување на воспитно-образовната дејност.

За професионалниот развој на наставниците посебно се грижи и Министерството за образование и наука и другите релевантни институции кои функционираат во негов состав, од кои најзначајна улога во професионалниот развој на наставниците има Бирото за развој на образованието.

Обуките и програмите се спроведуваат преку: изготвени програмски обуки, стручни патувања, студиски посети, стручни собири, разни видови на организирани работилници, семинари, вебинар и сл.

Професионалниот развој на наставниците може да се остварува преку стручни собири. Под стручни собири се подразбираат: конференции, симпозиуми, тркалезна маса, конгреси, советодавни состаноци, трибини, пленарно предавање, панел-дискусија.

20.2 Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес и предуслов за квалитетна воспитно образовна работа, ефективно учење и високи постигања.Составен дел на професионалниот развој е стручното усовршување, односно стекнување нови и усовршување на постојните компетенции на воспитно-образовниот кадар. Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Во училиштето се подготвува годишна програма за програма за професионален развој, сите реализирани активности се следат преку водење на соодветна евиденција и документација, секој наставник изготвува личен план за професионален развој и се изготвува извештај за реализација на планот.

20.3 Личен професионален развој

Секој наставник прави самопроценка на неговите компетенции врз основа на следните насоки: планирање и реализација на наставата, оценување, создавање на клима и средина за учење, социјална и образовна инклузија со учениците и родителите, професионален развој и соработка. Наставниците ги подредуваат по важност и истакнуваат листа на оние кои има се најважни. Врз основа на овој план се изработува планот за личен развој на наставникот. На крајот на полугодието секој наставник го ревидира и го надополнува својот план за личен развој.

Во делот на самопроценка и идентификување на потребите од професионален развој на ниво на училиште се преземени следните активности:

- Ревидирање на тимот за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Изработка на план за потреби од професионален и кариерен развој на ниво стручни активи;
- Активности кои ќе се реализираат за професионалниот развој на ниво на училиште и надвор од него;
- Изготвување програма на ниво на стручен актив за професионално и стручно усовршување;
- Финализирање на програмата за професионален развој на наставниците за 2025/26 година
- Тимот за професионален развој во текот на целата година ќе има за задача да го следи професионалниот развој и да ја следи реализацијата на програмата за работа на истиот. Се следат ефектите од професионалниот развој и се евидентира секој дел од реализираните работилници, обуки и слично. Тимот има за задача да го изготви и годишниот извештај за работа.

Стручните активи имаат за задача да ги идентификуваат компетенциите кои е потребно да се развијат во текот на 2025/26 година и да се направи проценка на оние компетенции кои се најдобро развиени кај наставниците од стручниот актив, од училиштето или од други училишта.

Стручните активи исто така истакнуваат кои од активностите за развој на компетенциите треба да се развијат и на кој начин, односно што треба да се преземе во текот на годината во врска со нивниот развој. Во овој дел треба да се обрати внимание и на планот за личен развој на наставниците.

Претседателите на стручните активи ја изготвуваат програмата за професионален развој на ниво на стручен актив и ја доставуваат до тимот.

Тимот ја финализира програмата за професионален развој на наставниците. Во

Прилог на Прилозите на Г.П. е дадена табела со распоред на сите компетенции/активности планирани за учебната 2025/26 година од сите Активи во училиштето.

20.4 Хоризонтално учење

Еден од начините на професионален развој во училиштето е хоризонталното учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства , внатре во училиштето, како и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

Акционен план за хоризонтално учење

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Посета на отворени и нагледни часови	Споделување искуства	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Адекватен избор на форми, методи , техники и наставни средства
Меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми	Споделување сознанија стекнати на обуките од страна на БРО	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Успешна реализацијана програмите во наставата
Размена на дневни подготовки, нагледни средстваи други материјали меѓу наставниците од нашето училиште	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците
Размена на искуства меѓу наставници од различни училиштаи различни етнички заедници	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот

Критериуми за успех — тимска работа на наставниците која придонесува за имплементација на современи приоди во наставата, размена на примери на добра

практика и спроведување активности од проектите кои се реализираат во училиштето.
Учениците се оспособени самостојно да дејствуваат во еколошки и претприемнички дух и да соработуваат со другите етнички заедници во општеството.
Инструменти –формулари за увид во годишни, тематски и дневни планирање и посетени часови
Индикатор за успешност – изготвени годишни, тематски и дневни планирања со застапени современи наставни форми, методи и техники и имплементирани насоки за работа дадени од МОН и БРО
Одговорен за следење – директор, стручни соработници, одговорни наставници
Повратна информација–-создавање клима за тимска работка меѓу наставниците
-преземање одговорност за соработка и почитување на индивидуалниот придонес на секојпоединец во колективот
-развиен мултикултурен сензибилитет кај образовниот кадар и спроведени долгорочни и краткорочни активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција.

20.5 Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Во учебната 2025-2026 година се изработува план за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивно кариерно напредување преку десиминации, вебинари, посета на обуки, работилници и сл.
Со цел наставниците и стручните соработници да можат да одговорат на потребите на современите трендови во воспитно- образовниот процес се наметнува потребата од нивен континуиран професионале и кариерен развој.
Согласно Законот за наставници во основните училишта може да напредуваат во следните звања: наставник, наставник-ментор и наставник-советник.
Стручните соработници исто така можат да напредуваат во звања:стручен соработник-ментори стручен соработник-советник.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.
На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот.
Во текот на учебната 2025/2026 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.
Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна

на родителскиот одбор од секоја паралелка,а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители :

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици- наставници – родители
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизам, пушењето, наркоманијата и слично
- Советот на родители избира свои претставници во Училишниот одбор
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности

Информации за наставниот процес се пласираат преку континурана соработка со Училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба и учениците. За максимално квалитетна реализација на наставниот процес, по потреба се вклучуваат и родителите споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања.

Познати се неколку облици на вклученост на родителите во процесот на учење:

Учеството на родителите во работата со децата/учениците е исто така облик на соработка и се однесува на вклучување на родителот како реализатор на некои воспитни/наставни активности, пример: интервју со лица од заедницата, учење за карактеристиките на некои професии и сл,; или пак вклучување на родителот како соработник во процесот на адаптација на детето/ученикот во групата, во организацијата и реализацијата на работилници, семинари, трибини и различни манифестации и случувања;

Советот на родители придонесува во подобрување на условите за работа и унапредување на реализација и на воннаставните активности во училиштето. Истовремено Советот на родители дава потполна поддршка на училиштето во спроведување на проектите што треба да се реализираат во текот на учебната година. Соработка е воспоставена на начин што некои родители одржуваат предавања, работилници, изработуваат помошни наставно - дидактички средства, изработуваат разни проекти или земаат учество во изработка на проекти. Родителите активно се вклучени и при давањето помош на своите деца во

изготвување на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции, како музеј, театар, при организирање на екскурзии, спортски натпревари и др.
Школа за родители – претставува посебна едукативна програма која се реализира преку едукативни работилници, наменети за заинтересираните родители во насока на јакнење на нивните капацитети за постигање на повисоки резултати во остварувањето на нивната воспитна и едукативна улога;
Пишувана комуникација – се однесува на преносот на информации по пат на кое секое дете/ученик ги носи во домот од училиштето. Се остварува по пат на белешки, брошури, весници, кутии за сугестии, портфолија.
Креативни паноа - ги изработуваат децата/учениците во соработка со учителите (воспитувач, наставник) и најчесто се изложени во ходниците или занималните/училниците и нудат можност да родителот го следи напредокот на сопственото дете/ученик;
Отворен ден за родители - овие денови наменети за родителите се организираат еднаш месечно или пак на повеќе месеци и наменети се за решавање на проблеми кои произлегуваат од секојдневниот живот и работа во училиштето.
Комуникација преку web страна- училиштето има своја веб страна на која се пласирани информации, соопштенија за тековните, претстојните случувања во училиштето;
Приредби – како облик на соработка нудат можности за согледување на воспоставената взаемна доверба и однос на релација учител - дете/ученик, придонесуваат за јакнење на самодовербата и чувството на сигурност;
Разговори со стручни соработници – облик на соработка кој се остварува на почеток на влез на детето во воспитно-образовната институција, но и соработка која продолжува а се однесува на неопходност од стручна помош во решавање и насочување за решавање на конкретни проблеми за кои се потребни стручни знаења.
Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над 100 оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканууваат на Советување на родители кое што го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр.: „Подари книга“, „Подари садница“, „Велигденски хепенинг”, „Новогодишен хепенинг “ како и многу други.

21.3 Едукација на родителите/старателите

Соработката со родителите е една од најважните задачи на училиштето, како нераскинлив дел од триаголникот училиште - ученици - родители. Училиштето и оваа година ќе реализира програма за советување на родители, за учениците кои се опфатени со правилникот за реализација на истата. За оние теми кои стручната служба и директорот на училиштето ќе увидат дека е потребен третман - ќе се реализираат со родителите на учениците кои се засегнати. Во тој поглед, училиштето ќе организира едукативни, советодавно-консултативни работилници и

предавања за родителите или ќе обработува некои од темите преку соопштенија, флаери или брошури.
Во учебната 2025/26 година ќе се организираат едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на советување на родителите, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер. Целта на оваа едукација на родителите/старателите е, тие да се запознаат со карактеристиките на развојните периоди во кои се наоѓаат нивните деца, како да им помогнат во учењето, различните стилови на родителство и нивните ефекти врз децата како и давање на препораки за успешна комуникација помеѓу родителите и децата.

22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Училиштето остварува континуирана соработка со голем број институцииод областа на образованието, културата, невладини организиции, спортски друштва, медиуми.

Локална заедница

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Соработката со локалната зедница најчесто опфаќа:

-соработка со семејството, особено со родителите;
-соработка со локалната самоуправа и воспитно-образовните установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации
-разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалнатазедница;
-информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето;
-вклучување на училиштето во културни и образовни активности што се организираат во локалната средина;

Училиштето може да планира и да спроведува дел од воннаставните активности (како акции, еднократни работилници, па и секции) во соработка со локалната заедница, овозможувајќи да се подигне општествената одговорност на учениците. Исто така, соработката на училиштето со локалната заедница подразбира и организирање на заеднички настани преку кои ќе се промовираат воннаставните активности и нивните продукти не само пред родителите, туку и надвор од училиштето.

Училиштето подготвува програми и организира активности за одбележување на значајни прослави (празник на училиштето, државни празници, а особено по повод на започнувањето на наставата и завршувањето на наставната година и др.) од кои дел се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Низ овие активности училиштето ги покажува постигањата во наставата и слободните ученички активности (хор, оркестар, драмски и литературни групи, ликовно творештво и сл.)

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко.

Институции од областа на културата

Во текот на годината се организираат посети на музеи (Музеј на град Скопје, на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, природо-научен музеј „Никола Незглобински“ и Заливот на коските), цркви (Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум), археолошки локалитети(Тумба-Маџари, Скупи, Стоби, Хераклеа).

Во зависност од интересот на учениците се организира и посета на театарски и кино претстави.

Институции од областа на образованието

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ,Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта, Филозофскиот и Педагошкиот Факултет.Соработката со основните училишта од општина Гази Баба, градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско - рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

Се остварува соработка со УКИМ- Филозофскиот Факултет, Институт за педагогија при организирање на педагошка и методска практика на студентите како и со Институт за психологија при организирање на задолжителна пракса на студентите.

Невладини организации

Училиштето остварува соработка со Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба, СОС Детско Село Македонија, Црвениот Крст на Македонија, Прва детска амбасада “Меѓаши” и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

Спортски друштва

Уилиштето соработува со повеке спортски клубови како и клуб за таиквондо, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

Здравствени организации

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ Поликлиника „Ченто“, Заводот за ментално здравје и други институции кои пружаат здравствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

Медиуми (со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година преку разни списанија и весници, стручни списанија, како Просветен работник, Просветно дело , Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Цел	Одговорни лица	Начин и време на следење	Очекувани резултати	Кој треба да биде информиран за следењето
Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа	Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа	Директор, стручни соработници, заменик директор	-Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата -Август, ноември, февруари, мај	Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во училиштето	Директор Наставници, Родители, ученици
Следење, проверување и оценување на успехот на учениците	Подобрување на успехот кај учениците	Одделенскии предметни наставници и БРО преку одговорен советник	Усно испитување, писмени работи, тестови, практична работа, тековни следења Континуирано	Подобрен успех и повисоки резултати	Стручни соработници Родители, ученици
Следење, проверување иоценување на успехот на наставниците	Зголемено користењена современи методи и техники во наставата	Директор, стручни соработници, заменик директор	Посета на наставни часови,примена на инструмент за следење на наставата Октомври, декември, март,мај	Успешно изведување на наставна дејност и користењена современи методи и техники	Директор, Стручни соработници наставници
Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар	Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса	Стручни активи, Предавачи од акредитирани институции, БРО и др.	Состаноци на стручни активи, отворени часови посета насеминари, обуки и само образование Согласно програмите на стручните активи	Постојано развивање на компетенциите на кадарот во училиштето	Директор, Стручни соработници, одговорни наставници
Водење на педагошка евиденција и документација	Уредно водење на педагошка евиденција и документација	Директор, стручни соработници, заменик директор, одговорен советник при БРО и Просветен инспекторат	Увид во педагошката евиденција и документација Септември, ноември,февруари, мај	Точно, навремено, прецизно внесување	Директор, Стручни соработници, Наставници
Користење на информатичко комуникациска технолологија	Зголемување на искористеност та на	Директор, стручни соработници, заменик	Посета на наставни часови Октомври,	Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови	Родители, Ученици,

вонастава	компјутерите во наставна и воннаставна дејност	директор	декември, март,мај		
Изработка на извештаи, анализи и информации	Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето	Директор, стручни соработници, задолжени наставници	Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови Тромесечно, полугодишно и годишно	Подобар квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа	Општина, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ
Реализација нагодишна програма	Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето	Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Локална самоуправа и одговорен советник при БРО	Состаноци ,анализа на извештаи, Програма за следење Континуирано	Реализирана програма	

22. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени во годишната програма за работа на училиштето ќе се одвива низ процес на собирање докази односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. За секоја конкретна активност има одговорни лица/тим за следење, поддршка кој ќе има за задача да доставува извештаи на секој квалификационен период до директор и стручна служба заедно со докази: прашалници, документи, записници, протоколи, дискусии, интервјуа и други инструменти. Евалуацијата на годишната програма за работа на училиштето ќе се спроведува тимски и со заедничка работа на сите субјекти во воспитно-образовниот процес.

Области на евалуација :

Наставен план и програма
Постигања на ученици
Учење и настава
Поддршка на ученици
Училишна клима
Ресурси
Унапредување и раководење

Индикатори за секоја област:

Планирања на наставниците
Наставен процес
Искуства на учениците од учењето
Задоволување на образовните потреби на учениците
Оценување, како дел од наставата
Известување за напредокот на учениците

За евалуација на работата на училиштето ќе се прибираат повеќе индикатори, односнодокази: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на

ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата.

23. Заклучок

Врз основа на годишната програма за работа на ООУ„Вера Јоциќ“ за учебна 2025-2026 година сите вработени, директор, наставници, стручни соработници, технички персонал, административни службеници ќе се стремиме кон подобро спроведување на воспитно образованиот процес со воведување новини, унапредување на процесот за квалитетно образование, со подобра соработка меѓу сите структури, поголемо учество на родителите во образованието, поголемо ученичко учество како и соработка со надворешни субјекти.

24. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работа на училиштето е изработена од страна на тимот:

1. Игор Китановски – директор
2. Катерина Б.Костадиноска – педагог
3. Моника Софронијевска - психолог
4. Елена Панова – специјален едукатор и рехабилитатот
5. Билјана Арсовска – одделенски наставник

Користена литература

- Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/2019)
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Сл.Весник на РСМ, бр.161/2019)
- Закон за заштита на лични податоци
- Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie)
- Наставните програми по предмети (одделенска и предметна) настава
- Конценпција за воннаставни активности во основно образование 2020
- Концепција за инклузивно образование
- Сратегија за образование 2018-2025
- Концепција за деветгодишно образование;
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основно училиште бр.18-6579/1
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училите во РСМ бр. 18-6466/2
- Упатство за настава во продожен престој за ученици од иста паралелка
- Упатство за настава во продожен престој за ученици од различна паралелка
- Статутот на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Промени и иновации кои ги планира училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја;
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Анализа на степенот на реализација на минатогодишната програма за работа на училиштето;
- Извештаи од интегрална евалуација на квалитетот на работата на училиштето;
- Извештај од самоевалуација на работата на училиштето;
- Извештаи за финасиското работење на училиштето;
- Кадровските и материјалните услови на учиштето;
- Најновите сознанија од посетени семинари, работилници,конференции и следење на стручна литература
- Соработка со други училишта и релевантни институции;
- Подзаконски и интерни акти (Статут, Етички кодекс, Деловници за работа на органите итн.),Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за дежурни ученици, Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на училишните натпревари на учениците)

Директор: Игор Китановски **Претседател на УО: Анета Ѓуровска**

_____ _____

Прилози:

- Годишна програма за работа на директор
- Годишна програма за работа на педагог
- Годишна програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор
- Годишна програма за работа на училишен совет
- Годишна програма за работа на совет на родители
- Годишна програма за работа на наставнички совет
- Годишна програма за работа на стручни активи
- Годишна програма за работа на одделенски совети
- Годишна програма за работа на инклузивен тим
- Годишна програма за работа на хор и оркестар
- Годишна програма за работа на заедница на паралелката
- Годишна програма за работа на ученички парламент и ученички првобранител
- Распоред на часови
- Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- Програма за воннаставни активности
- Програма за додатна настава
- Програма за дополнителна настава
- Програма за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција
- Проекти што се реализираат во основното училиште
- План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
- План за професионална ориентација на учениците
- План за промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација
- План за следење анализа на состојбите со оценувањето
- План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
- Програма за самоевалуација на училиштето
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Распоред на дежурни наставници
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители
- Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образованиот кадар
- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
- Програма за грижа за здравјето на учениците
- Програма за јавна и културна дејсност на училиштето
- Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште
- Програма за подмалокот на Црвен Крст
- Програма за антикорупциска едукација на учениците
- Програма за еколошка едукација на учениците

Прилог : Програма за работа на директорот на училиштето во учебната 2025/2026 година

Тргнувајќи од фактот дека воспитанието и образованието се општествени категории кои се реализираат во училиштето како специфична општествена институција чиј претставник е директорот, чија работа е многу значајна за оживување на работата на сите подрачја од внатрешната структура на училиштето и за работата на сите наставници. Директорот како орган на раководење и педагошки раководител на училиштето ги офаќа сите подрачја од воспитно-образовната работа кои се зацртани во годишната програма, а во согласност со одредбите од Законот за основно образование, Годишната програма на училиштето, одлуките на Училишниот одбор, Советот на родители, насоки од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.

Реализацијата на програма ќе се потпира на континуираната соработка со локалната самоуправа, соработка со другите основни училишта како и други организации и установи во општината.

Суштината на планирањето во нашето училиште се состои во реално предвидување на иднината и успешно реализирање и остварување на предвиденото. За успешно извршување на својата работа директорот своето дејствување го насочува кон реализирање на следниве подрачја:

Административно – организаторско подрачје

Педагошко – инструктивно подрачје

Административно-организациски задачи

Цели: Успешна подготвеност за нормално одвивање на воспитно- образовната работа, почитување на законските регулативи и грижа за осовременување на училиштето

Очекувани ефекти: постигнување на ефикасност во функционирањето на целокупната работа во училиштето, осовременување на воспитно- образовната работа, модернизирање на просторот и сретствата за работа

Форми на работа: консултации, разговори,соопштенија и др.

Соработници: наставници, педагог,дефектолог, секретар

Време на реализација: континуирано цела година

Педагошко – инструктивни задачи

Цели: унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето

Очекувани ефекти: успешен почеток и тек на учебната година, подигање на повисоко ниво на организационата поставеност на училиштето, ефикасност во функционирањето на целокупната работа на училиштето, осовременување на воспитно-образовната работа

Форми на работа: консултации, разговори, соопштенија, анкети и др.
Соработници: наствници, педагог, дефектолог, секретар
Време на реализирање: континуирано цела учебна година.

Директорот на училиштето ги извршува работите и работните задачи од повеќе подрачја. Примарна компонента во целокупната програма за работа е однапред концепирана активност во организирањето, координирањето и раководењето со работата на сите субјекти кои ги остваруваат посебните програми за работа во рамките на Годишната програма за работа на училиштето.

Професионални компетенции на директорот

Професионалниот развој на директорот произлегува од активностите на унапредување на системот за професионален кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето. Директорот како раководен орган во училиштето постојано ги следи општествените промени кои ги имплементира во животот и работата на училиштето. Директорот е посветен на сопственото професионално усовршување и професионално усовршување на наставниот и стручниот кадар кои ќе допринесат за квалитет во работата.

Унапредувањето на професионалните компетенции на директорот произлегуваат од професионалните вредности, знаења и вештини кои ги опфаќаат следниве подрачја:

- Водство
- Стратешко водство
- Училишна клима и култура
- Соработка со родителите и заедницата Раководење со човечките ресурски комуникации и односи со јавноста
- Унапредување на меѓучовечките односи професионален и кариерен развој
- Обезбедување на кадар, работно воведување иангажирање Предагошко раководење на училиштето планирање поддршка на наставата и учењето
- Обезбедување на квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)

- Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот
- Финансиско раководење раководење со финансиските ресурси
- Раководење со материјалните ресурси
- Законско и административно работење на училиштето примена на законските и подзаконските акти изработка и примена на интерни акти и документација раководење со административните процеси
- примена на информациските системи во училиштето

Следење на организацијата и реализацијата на воспитно-образовната и друга стручно-педагошка работа во училиштето

Увид, следење, координирање и насочување на наставата и воспитно-образовната дејност од страна на наставниците (годишните, тематските, дневните и друг вид планирања);

Увид, контрола и следење на остварувањето на стручните, оперативно-организаторските, материјално-техничките и дидактичко-методиските подготовки за реализација на наставната и воннаставната воспитно-образовна работа од страна на наставниците и другите носители;

Следење на непосредната реализација на задачите и содржината на наставата, воннаставната дејност, од аспект на општата организација и артикулација на наставните часови (преку посета на наставни часови), примена на современи форми и методи, застапеноста и користењето на современите наставни средства и други технички помагала, воспитната насоченост и слично, во рамки на мрежно планирање;

Водење на евиденција на планираните и реализираните посети на наставните часови, часови на слободните ученички активности и други форми на непосредна воспитно-образовна работа со учениците од аспект на планирањето и програмирањето на содржините, подготовката , непосредната организација, како и успешноста на реализација на целите, задачите и соржините со определена динамика, согласно мрежното планирање на активностите;

Остварување на задолжителните разговори, консултации, советувања, и давање помош на наставниците за подобрување на состојбата, унапредување и усовршување на наставата и другата воспитно-образовна дејност;

Иницирање, координирање, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето со максимална лична партиципација, оценување и анализа на состојбите и постигнатите резултати; Учество во остварувањето на задачите во врска со вреднувањето на работата на наставниците и другите стручни

соработници според критериумите на методологијата на вреднување на воспитно-образованата работа на училиштето.

Перманентно стручно, педагошко-психолошко усовршување на наставниот и стручниот кадар во училиштето

Планирање на потребите и упатување на кадарот на стручно усовршување надвор од училиштето, организирано од страна на соодветни стручни институции во вид на семинари, обуки, симпозиуми и други форми;

Следење и координирање на планирањето, програмирањето и реализицаијата на разните форми на активности на стручно усовршување на кадарот во рамките на училиштето, како и укажување помош на соодветни служби во непосредната организација и реализација на стручното усовршување;

Грижа за обезбедување на училиштето со неопходната стручна литература и стручни списанија, како и поттикнување и упатување на кадарот за користење на истата, првенствено преку личен пример и презентација на материјали од корист за конкретни активности кои се од интерес за работата на училиштето;

Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување и учество на советување, семинари и други форми организирани од страна на стручни институции;

Изготвување на соодветни стручни материјали за потребите на стручно усовршување во училиштето и надвор од него и учество на кадарот во изготвување на истите.

Работа со наставниците и друг стручен кадар – почетници

- Планирање и воведување во работата;
- Одредување ментор на секој почетник и следење на тимот;
- Запознавање со концепцијата и општата програмска структура и можностите на училиштето да ги остварува целите, задачите и содржините на основното образование и воспитание;
- Воведување во задачите на наставните предмети кои ги предава наставникот-почетник во работата и образовните услови во училиштето за реализација на истите;
- Запознавање со неопходните видови планирања, како на ниво на училиште така и за наставниот предмет и другите задолженија на наставникот- почетник;
- Непосредна стручна и дидактичо-методска помош во реализација на наставата и другата воспитно-образовна дејност и упатување на соработка со поискусни наставници- развивање и негување на тимска работа и учество во активите;

Работа со стручните органи во училиштето

- Планирање и програмирање на работата на Наставничкиот совет на училиштето и грижа за реализација на програмските задачи;
- Подготовка и активно учество на седниците на Наставничкиот совет (планирање на содржините на дневниот ред на состаноците, задолжување на одделни наставници или други субјекти за подготовка на материјали, подготвување на предлог-заклучоци, препораки и слично што треба да се усвои на Наставничкиот совет, определување на времето на состаноците, навремено известување на членовите на советот, укажување како да се подготват конструктивни дискусии, планирање на времетраењето на излагање на секој поединци итн.;
- Раководење со седниците на советот, грижа за квалитетна работа во интерес на донесување на адекватни заклучоци и придонес во разрешување на проблемите;
- Јавност и транспарентност во работењето;
- Воведување во демократска атмосфера на раководење, со чист и јасен пресек на должностите и обврските на секој поединец, неговите ингеренции, хоризонтална и вертикална синхронизираност на заедничкото делување на колективот; Помош во планирањето и програмирањето на работата на Одделенскиот совет на родителите на одделенскиот совет;
- Следење и реализација на пропишаните задачи на Одделенскиот совет на родителите и на одделенскиот раководител, координирање и насочување на нивните квалитети и насочување на нивните активности и укажување на соодветна стручна и друга помош;
- Одредување на критериумите за формирање на Стручните активи на принцип на мултидисциплинарност, сродност и проодност на информациите, се со цел заедничко синхронизирано работење и унапредување на воспитно-образовниот процес во целина;
- Помош и учество во формирањето на Стручните активи, нивно конституирање и планирање на работата, како и нивната работа по потреба;
- Следење, насочување, поттикнување и координирање на работата на Стручните активи;
- Непосредно учество на работата на стручните органи со презентирање на соодветни прилози, зајкнување на тимската работа и создавање на силен колективен дух помеѓу сите учесници во работата на активите;
- Општа и целосна грижа за унапредување на рабоата на стручните органи и стручните активи во училиште

Аналитичко-студиска работа

Проучување и анализирање на карактеристични проблеми на наставно-образовниот процес (воспитни проблеми, општи наставни проблеми, одделни проблеми на паралелки и наставни предмети, проблеми во врска со активноста и работата на учениците итн.) ;

Проучување и анализирање на глобалното планирање на ниво на училиште, како и планирањето и програмирањето на наставниците и другите стручни соработници;

Изготвување на анализи, осврти, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализацијата на програмите во воспитно-образовната работа, успехот на учениците, организациската поставеност и работа на ученичките оганизации и нивните слободни активности, педагошка документација, резултатите од наставно-воспитниот кадар и сл. ;

Упатување и оспособување на наставниците и другите стручни соработници за аналитичко-студиска работа;

Унапредување на сопствениот едукациски потенцијал и самообразование во соработка со соодветни институции, други директори, наставници.

Соработка со учениците и нивните организации

Укажување стручна и друга помош во конституирањето и организациската поставеност на ученичките заедници на паралелките, општествените организации на учениците за нивните слободни активности;

Следење на состојбата, насочување на активностите и учество во давањето помош во врска со планирањето и програмирањето на работата и реализација на програмските содржини на ученичките заедници, организации, слободни актвности;

Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации и формите на ученичко организирање;

Учество во насочувањето и давањето помош во организирањето на културно-забавниот живот на учениците во училиштето и користењето на нивното слободно време;

Вклупување на учениците во работата на стручните органи во училиштето;

Координирање и насочување на активностите и непосредната работа со одделни категории ученици (талентирани, со послаб успех, со посебни потреби, социјални случаи и сл.) како и укажување на соодветна помош на наставниците за унапредување на формите и методите на работа со различни категории ученици и итн.

Соработка со родителите на учениците

Учество во планирањето, координирањето и насочувањето на реализацијата на разновидните форми на соработка меѓу училиштето и родителите на учениците, а особено преку Советот на родители;

Планирање и подготовка и реализација на родителските средби на ниво на училиште;

Помош во планирањето, програмирањето и насочувањето на активностите за информирање на родителите и учениците по паралелки и одделенија и на состаноците на Советот на родители;

Организирање и координирање и насочување на активностите за информирање на родителите и учениците за животот, работата и постигнатите резултаи на учениците и училиштето, како и вклучување на родителите во подобрување на условите за работа на учениците во училиштето;

Непосредно учество во реализацијата на формите на педагошко образование на родителите, како и укажување помош во реализација на овие задачи од страна на наставниците и другите стручни соработници на училиштето;

Следење, насочување и непосредно учество во реализација на индивидуалните и групните форми на советодавна работа со родителите на одделни категории ученици (ученици со потешкотии, со девијантно однесување, талентирани ученици и сл.);

Соработка со органите на управување

Во реализирањето на системот на управувањето директорот како член на работната заедница и како раководител на училиштето со својата работа ќе придонесува за развојот на управувањето на училиштето , пред се заштита на законитоста на работењето. При реализација на таа задача директорот дава перманентна стручна помош на органот на управување која се состои во подготвувањето на заклучоци, одлуки и нивно спроведување во пракса;

Директорот ќе ги спроведува и извршува одлуките на Училишниот одбор кои се во согласност со позитивните законски прописи, нормативи, акти и перманентно ќе ги следи законските прописи, со цел нивно аплицирање и практична соодветна примена во сите сегменти на кои тие се однесуваат од делокругот на училиштето.

Работа на директорот како претставник на училиштето

Во границите на своите овластувања и должности директорот ќе биде во постојана соработка со Општина Гази Баба, Град Скопје, БРО, МОН, општествените , синдикалните и други организации заинтересирани за воспитно-образовната работа на училиштето.

Посебни активности остварува со претпријатија, индустрија, трговија, услуги, а особено со органите на локалната самоправа за реализација и организирање на давање помош за подобрување на условите за работа на учениците во училиштето. Со овие активности и активна ангажираност на училиштето во општествената средина ќе придонесе за поголема афирмација на училиштето во рамките на градот и пошироко.

Директорот и сите вработени, заедно со Училишниот одбор и Советот на родители ќе иницираат и развијат соработка со дипломатски претставништва, конзулати, хуманитарни организации регистрирани во РМ, со цел преку заедничкото запознавање да се добие вистинска слика за нашата земја и предностите, проблемите, реалниот живот и потенцијалите на Република Македонија со цел запознавање на поширокатa светска јавност со нашата земја, училиштето и можностите на учениците.

Работа на директорот во управно-правните, административните и материјално-финансиските работи

Во остварувањето на својата управна функција директорот се грижи за доследно спроведување на законот за основно образование, нормативните акти сврзани со основната задача на училиштето и други закони, прописи, нормативи и акти кои се однесуваат на училиштето како интегрална целина и дел од општествената заедница;

Наставните планови и програми и нивната реализација се приоритет во работата на директорот кој се грижи за спроведување на нормативните акти на училиштето, водејќи сметка за сестрана диспциплина и одговорност во работата на сите членови на работниот колектив.

Директорот ќе дава помош во административната работа и реализирањето на материјално-финансиското работење. Посебна грижа на директорот е да води сметка за поголема ангажираност и рационалност на овој вид работа. Директорот мора да ги имплементира во пракса законските прописи и да врши усогласување на актите на училиштето со тековната законска регулатива на сите полиња од делувањето

Годишна оперативна програма за административно-организаторската и педагошко-инструктивната работа на директорот

Програмска содржина	Очекувани резултати	Соработници и комуникација	Време на реализација
Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал	Подготовка за успешен почеток на учебната година	Стручни активи,Стручна служба, Наставници	**Септември**
Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието	Да се увидат и применат сите новини и промени	Министерство за образование, Педагошки завод и претставници на Министерството	**Континуирано**
Насоки и координација во планирањето и програмирањето	Планирањето и програмирањето да се изврши квалитетно според наставниот план и програма	Директор, Стручна служба	**Септември**
Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето	Да се одбележи почетокот на учебната година и уписот на првачиња	Стручни активи, Педагог Одделенски раководители	**Септември**
Увид во годишните и тематските планирањана наставниците	Да се види квалитетот на планирањето и да се укаже на недостатоците	Директор, Стручна служба, Наставници	**Септември**
Работа со наставниците почетници	Заеднички да се идентификуваат проблемите во планирањето и организирањето на наставата	Педагог Претседатели на активи Наставници - ментори	**Континуирано**
Општествено корисна работа – одржување на училишните простории и дворот.	Да се уреди училишниот двор	Директор, Хигиеничари, Наставници, Ученици	**Континуирано**
Увид и давање на упатства за правилно водење на педагошката документација во училиштето	Да се види квалитетот на планирањето и де се отстранат евентуалните грешки	Директор, Педагог Наставници	**Континуирано**
Стручен и аналитички увид во сите планови доставени до дирекророт	Да се види квалитетот на планирањето и да се отстранат евентуалните грешки	Директор, Стручен работник	**Септември**

Работа со одделенски раководители за реализирање на одделенски часови	Да се упатат одд.раководители за правилно и функционално реализирање на одд. час	Директор, Педагог, Одделенски раководители	**Септември**
Подготовка и реализација на екскурзии	Добро осмислување и реализирање на екскурзиите.	Директор,Стручна служба, Наставници	**Септември**
Посета на часови од I до IX одд.	Да се види како се реализираат предвидените задачи со програмите и квалитетот на извршените задачи	Директор, Стручен работник	**Во текот на цела година**
Преглед на одделенските дневници и матични книги	Со цел правилно да се евидентираат соджините во нив и нивниот реден број	Директор, Комисија за преглед	**Октомври**
Следење на примената на нови наставни форми,методи и средства во наставата	Да се унапредува воспитно-образовната работа во училиштето	Директор, Стручна служба	**Континуирано**
Организација и прием на првачињата во Детската организација.	Организирано стапување на децата во детската организација	Одговорен наставник	**Октомври**
Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето, задолженија по активи, програма и сл.	Успешно да се реализираат подготовките за патрониот празник на училиштето	Директор, Стручни активи,	**Октомври**
Усовршување на формите за соработка со родителите	Да се запознаат и иницираат родителите за поголема соработка со училиштето	Директор, Стручна служба, Родители	**Континуирано**
Увид во работата на хигиеничарите	Да се подобри хигиената во училиштето и санитарните јазли.	Директор, Хигиеничари	**Континуирано**
Организација и одржување на Одделенските совети за првото тромесечие	Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите	Директор, Стручен работник наставници	**Ноември**
Подготовка, одржување разгледување и анализа на успехот и дисциплината на учениците во првото тромесечие на Наставнички совет	Анализа на успехот и поведението во ова тромесечие	Директор, Стручен работник наставници	**Ноември**

Увид во работата на Стручниот актив	Да се види час во кој се применети современи форми на наставна работа	Директор,Педагог Наставници	**Ноември**
Следење на реализацијата на програмата за дополнителна и додатна настава како и примена на ИКТ во наставата	Да се види квалитетот на реализацијата на дополнителната и додатната настава	Директор, Стручен работник	**Континуирано**
Советодавна работа со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, недисциплина и соработка со нивните родители	Надминување на причините за нередовно посетување настава Подобрување на соработката со родителите	Директор, Педагог Одделенски раководители	**Континуирано**
Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие.	Да се види успехот на учениците и да се согледаат пропустите.	Директор, Стручна служба, Наставници	**Декември**
Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото полугодие.	Анализа на успехот и поведението на учениците во првото полугодие.	Директор, Стручна служба, Наставници	**Декември**
Изготвување на полугодишен извештај за работата на учениците во првото полугодие	Да се соберат податоци за квалитетен полугодишен извештај	Директор, Стручна служба., Наставници	**Јануари**
Увид во работата на пописната комисија	Да се види квалитетот на извршениот попис	Директор, чл. на пописна ком.	**Јануари**
Состанок со Училишниот одбор-разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето	Да се информира Училишниот одбор за содржината на полугодишниот извештај	Директор, Секретар, Сметководител, членови на УО	**Јануари**
Увид во работата на библиотеката-стручен и детски печат(списанија)	Да се зголеми бројот на претплата на детски печат	Директор, Библиотекар	**Февруари**
Увид во работата на училишната заедница	Поднесување извештај за работата на ученичката заедница	Директор, Одговорни наставници	**Февруари**

Спроведување на уписот во прво одделение	Опфаќање на сите деца од таа возраст	Стручни активи, Одговорни наставници	**Мај во текот на целиот месец**
Организирање и реализација на Настава во природа	Да се запознаат родителите и учениците со местата кои ќе ги посетат и активностите кои ќе ги реализираат на настава во природа	Одговорните наставници	**Мај**
Организирање состанок на одделенската заедница и родителите на деветто одделение за полуматурска забава.	Подготовка за успешно организирање на полуматурската забава.	Директор, наставници, родители	**Мај**
Организација и одржување на Одделенски совети на крајот од учебната година	Да се внимава на единствен критериум за оценување на крајот од учебната година	Директор, Стручна служба, Наставници	**Јуни**
Анализа и утврдување на постигнатите резултати на учениците на крајот од учебната година на Наставнички совет	Да се утврдат резултатите на учениците постигнати во оваа учебна година	Директор, Стручна служба, Наставници	**Јуни**
Увид во изготвување на распоред за изведување на продолжителна настава	Поефикасно изведување на продолжителна настава	Директор, Стручна служба, Наставници	**Јуни**
Разгледување на резултатите од продолжителната настава на учениците на Одделенски и Наставнички совет	Да се видат резултатите од продолжителната настава	Директор, Стручна служба, Наставници	**Јуни**
Подготовка за изработка на статистички и текстуален Годишен извештај за работата на училиштето	Правилно да се пополнат табелите за Годишниот извештај	Директор, Стручна служба, Наставници	**Јуни**
Изработка на Годишен извештај за работата на училиштето	Навремено изготвување на Годишниот извештај	Директор, Стручна служба,	**Јуни**
Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето на Наставнички совет	Разгледување на Годишниот извештај	Директор, Стручна служба, Наставници	**Јуни**

Одржување на седница со Училишниот одбор-усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето	Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето	Директор, Членови на УО	**Јуни**
Организирање на доделување на свидителства за завршено одделение	Доделување на свидителства за завршено одделение	Директор, Наставници	**Јуни**
Подготвување на упатство за изготвување на распоред на часовите за наредната година	Навремено изготвување на распоред на часовите за наредната година	Директор, Педагог, Наставници	**Јули**
Спровдување на постапка за превоз на ученици	Распишување на тендер за групна набавка	Директор, комисија за јавни набавки	**Јули**
Да се прегледаат сите простории на училиштето поради утврдување на состојба пред почетокот на новата учебна година	Утврдување на состојба пред почетокот на новата учебна година	Технички персонал	**Август**
Подготовка и одржување на работната седница на Стручните активи и наставничкиот совет	Давање инструкции за изготвување на програма на Стручните активи	Стручни активи на настава, стручни служби, Директор	**Август**
Изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето	Изготвување на Годишната програма по делови и како целина	Стручни активи на настава, стручни служби, Директор	**Јули**
Изготвување на предлог листа на нагледни средства и помагала кои треба да се дообезбедат и докомплетираат и по одреден распоред да се стават во функција	Збогатување со нагледни средства и помагала за поуспешно реализирање на наставата	Претседатели на активи, соработници	**Август**
Подготовка и одржување на Наставничкиот совет на кој ќе се изврши распределба на предметите на наставниците,	Подготовка за успешен почеток на учебната година	Директор, стручни активи на наставата	**Јули**

одделенските раководства и определување на евентуален технолошки вишок			
Учество во Изготвување на распоред на часови во учебната година	Да се изготви прецизен распоред на часови во учебната година	Директор, одговорен кој ќе го изготвува распоредот	**Август**
Седница на Училишниот одбор-усвојување на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 год.	Да се усвои Годишната програма за работа на училиштето	Директор, Членови на УО	**Јули**
Седница на Советот на родители	Конституирање на Советот на родители и соработка за подобрување на успехот	Директор, Стручна служба, Членови на СР	**Септември**

* По потреба Годишната програма за работа на директорот може да претрпи промени во склоп со актуелни тековни проблематики и информации од воспитно образовната дејност

Директор:
Игор Китановски

Прилог : Годишна програма за работа на педагогот во учебната 2025/2026 година

Годишната програма е изработена врз основа на следните документи:

- Закон за основно образование
- Биро за развој на образование
- Основно образование-содржини и организација на воспитно-образовната дејност
- Основи за програмирање на работата на стручните соработници во основното училиште
- Годишен извештај на училиштето во учебната 2024-2025 година
- Годишен извештај за работата на стручниот соработник педагог за учебната 2024-2025 година

Стручниот соработник педагог воспитно-образовната работа ја остварува низ следниве подрачја во кои се застапени низа разновидни содржини за работа:

- Непосредно следење на воспитно-образовната работа
- Советодавна-консултативна работа
- Аналитичко-истражувачка работа
- Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар
- Педагошка евиденција и документација

Целта на програмата е да биде во насока на интензивирање советодавно-консултативната работа на педагогот со наставниците,учениците и родителите за подобрување на работата во училиштето и искористување на сите ресурси во училиштето и надвор од него за напредување на секој ученик во согласност со неговите потреби,интереси,способности и потенцијални можности

Задачи:

- Да се унапредува комуникацијата во училиштето
- Да се придонесе за ефикасно организирање на воспитно-образовниот процес
- Да се зголемат очекувањата за успех на сите поединци во училиштето
- Да се воспостави систем на оценување на постигањата,напредувањето на учениците
- Да се стреми за достигање на заедница на деца врз принципи на социјална правда
- Да се продолжи со перманентно професионално усовршување на кадарот

Подрачје 1: Работа со ученици						
	Активности	**Соработници**	**Реализација**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори/докази**
1.1. Поддршка на учениците во учењето	Учество во комисија за запишување ученици во прво одделение Процена на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем	психолог дефектолог наставницичлени на комисијата за запишување деца во прво одделение	мај	Процедура за запишување деца во прво одд. Нагледни материјали, сликовници , хартија, боички	Запишани ученици во прво одделение	Известување за запишување деца во прво одделение Одлука за формирање комисија за запишување деца во прво одделени Покани, извод, потврди Список на запишани ученици во прво одделение
	Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста	психолог дефектолог наставници родители	Во тек на учебната година	Стручна литература Евиденција за успехот и редовноста на учениците	Надминување на причините за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста	Евиденција и документација за работата на педагогот
	Советодавно-иснтруктивна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето	Психолог Дефектолог Наставници Стручни лица од Завод за ментално здравје	Во тек на учебната година	Стручна литература Евиденција за успехот и редовноста на учениците	Надминување на причините за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста и успехот на учениците	Евиденција и документација за работата на педагогот
	Предавње на тема „Техники за успешно учење“	Психолог	Ноември	Стручна литература Power Point Презентација ЛЦД проектор	Подобрен успех на учениците	Извештај за спроведена активност Изготвена брошура

	Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент Реализација на планирани активности кои се дел од ученичките иницијативи	Дефектолог Психолог Одговорни наставници	Октомври Ноември	Стручна литература Презентација Компјутер Прокетор Инструменти	Активно вклучување на учениците во донесување одлуки и преземање активности за позитивни промени	Извештаи од спроведени активности
	Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби	психолог дефектолог наставници стручни лица од Заводот за ментално здравје МКФ	Во тек на учебната година	Стручна литература Прирачници Евидентни листи Индивидуални образовни планови	Постигање на поставените цели во индивидуалниот образовен план Успешна инклузија на учениците со посебни образовни потреби во образовниот систем	Евиденција од работата со деца со ПОП
	Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој , советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања	психолог наставници	Во тек на учебната година	Стручна литература Евидентни листи Скали за процена	Повисоки постигања Поголемо учество на натпревари од страна на надарените учениците	Евиденција од работата со надарени ученици Пополнета Пронад скала од страна на наставниците Пополнети индентификациони листи
1.2. Следење и поддршка на развојот на	Вклучување на учениците во искажување на сопственото мислење и донесување одлуки за одредени активности во училиштето	директор стручни соработници наставници	Во тек на учебната година	Стручна литература Прирачници	Зголемена самодоверба и самопочитување кај учениците Поголема вклученост на учениците во животот и работата на училиштето	Извештаи од спроведени активности

	Превентивни активности за физичко и ментално здравје,превенција од насилно и асоцијално однесување	директор стручни соработници наставници Стручни лица	Во текот на годината	Стручна литература Прирачници	Подобрување на здравјето и начинот на живеење на учениците	Извештај од спроведена активност
	Советодавно и конструктивна работа со ученици кои покажуваат емоционални потешкотии, социјална наеприлагоденост, престапништво	Психолог Дефектолог Наставници Стручни лица од Заводот за ментално здравје, Центар за социјална работа, СОС Детско село	Во текот на годината	Стручна литература Евиденција за успехот , редовноста и однесувањето на учениците	Надминување на причините за емоционалните потешкотии, социјална неприлагоденост, престапништво	Евиденција и документација за работата на педагогот
	Предавање на тема „врсничко насилство“	Дефектолог	Октомври	Стручна литература Power point Презентација Компјутер ЛЦД проектот	Зајакнати капацитертите на учениците за превенција од насилно однесување Намалување на појавите на насилно однесување Поттикнување и унапредување на инклузивната клима во училиштето и училницата	Извештај од спроведена активност
	Работилница со учениците од петто одд на тема:”Скршеното срце”	Наставници	Февруари	Стручна литература Power point Презентација Компјутер ЛЦД проектор	Зајакната самодоверба кај учениците Негување емпатија кај учениците	Извештај од спроведена активност

	Учество и поддршка во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за учество во воннаставните активности, јавни настапи, конкурси,натпревари и др.	Директор Психолог Дефектолог наставници	Во текот на годината	Евидентни листи Конкурси Покани за гостувања и јавни настапи	Поголемо учество на учениците во воннаставните активности, јавни настапи, конкурси, натпревари	Извешта и Анкети Освоени награди и признанија
Професионална ориентација и кариерен развој на учениците	Испитување на информираноста и интересот на учениците за натамошното образование	психолог дефектолог	април, мај	Анкетен лист за професионал на информиранос т на учениците	Согледување на професионалната информираност и интересите на учениците	Извештај од спроведена анкета за професионална информираност на учениците
	Споделување на Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта Информирање научениците за мрежата на средни училишта Организирање презентации од страна на средните училишта	психолог дефектолог претставници од државни и приватни средни училишта	април, мај	Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пропаганден материјал одсредните јавни училишта	Информирани ученици со условите и критерирумите за упис во средно образование, како и со струките и занимањата.	Програма за професионална ориентација на учениците Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пропаганден материјал од средните јавни училиштаизвештај од спроведени активности
	Работилница за ученици од деветто одд.на тема:	психолог родители	април, мај	Стручна литература Power Poit	Откривање на сопствените интереси и желби за продолжување	извештај од спроведена активност

	„Професионален и кариерен развој“			презентација Компјутер , ЛЦД проектор	на образованието, навремено и правилно професионално информирање и ориентирање	
	Испитување на професионалните интереси на учениците преку задавање на тест на интереси	психолог	април, мај	Стручна литература	процена на способностите и професионалните интереси на учениците	Резултати од тестот за интереси
	Индивидуално и групно советување на ученици и родители за правилен избор на понатамошното образование	психолог	април, мај	Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта Резултати од тест за интереси и анкета за професионална информираност на учениците	Правилно ориентирање согласно интересите и способностите на учениците поттикнување кон самостојно донесување на одлука и конечен избор за упис во одредено средно училиште	Евиденција од индивидуални и групни разговори со ученици

Подрачје 2: Работа со наставници						
	Активности	**Соработници**	**Реализација**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори/ докази**
2.1. Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно–образовниот процес и самоевалуацијата	Помош и поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуација	наставници дефектолог психолог	Август	Закон за основно образование, Закон за наставници, правилници, упатства, протоколи	Навремено информирање со новините во воспитнообразовниот процес и нивно успешно имплементирање	Записници од состаноци на стручни активи, наставнички совет
	Помош и поддршка на наставниците при планирање на годишните, равојните, тематските и дневни подготовки	наставници дефектолог психолог	Август	Закон за основно образование, Закон за наставници, правилници, упатства, протоколи	Изготвени годишни програми, тематски и дневни планирања	Формулари од увид во годишни програми и дневни планирања
	Помош и поддршка на наставниците при, дефинирање на воспитно-образовните цели во изготвувањето на индивидуални образовни планови	наставници дефектолог психолог	Во текот на годината	Закон за основно образование, Закон за наставници, правилници, упатства, протоколи	Изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни индивидуални планирања	Среднорочни и краткорочни индивидуални планирања Годишни програми Формулари од увид во годишни програми и дневни планирања

	Советодавноконсултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи методи, форми и техники на работа	Наставници	Во текот на годината	Стручна литература	Подобрен успех на учениците Унапреден воспитнообразовен процес	Евиденција од посета на часови и остварени консултации
	Советодавноконсултативна работа со наставниците во врска со редовното оценување на учениците	Директор психолог дефектолог	октомври декември февруари април	Образовни стандарди и критериуми за оценување на постигања на учениците	Навремено и објективно оценети ученици	Евидентни листи Свидетелства Резултати од споредбени анализи на успехот и постигањата на учениците
	Предавање на тема: “Превенција и интервенција при насилство, дискриминација, злоупотреба и занемарување во училиштата” т	наставници дефектолог	октомври	Стручна литература Power Poit презентација Компјутер , ЛЦД проектор	Зајакнати компетенции кај наставниците за препознавање на сите форми насилство и дискриминација и справување со истите	Извештај од спроведена активност
	Поддршка на наставниците во планирање и реализација на воннаставните активности	директор стручни сорботници наставници	Во текот на учебната година	Концепција за воннаставни активности во основното образование Законот за основно образование, Концепцијата за	Вклученост на учениците во воннаставните активности согласно нивните интереси развивање на способностите на учениците за заедничка работа зајакнување на	Извештај од реализирани воннаставни активности Податоци за вклученоста на учениците во воннаставни активности Записници од состаноци на стручни активи

				девттгодишно образование	меѓусебната доверба, дружењето во слободно време, развивање на активен ученички живот	
	Советодавно - консултативна работа за водење на педагошка евиденција и документација	директор стручни сорботници наставници	Во текот на учебната година	Правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште како и начинот на нивното водење	Правилно и уредно водење на педагошка евиденција и документација Евидентни листи од увид во водење педагошка евиденција и документација	Евидентни листи од увид во водење педагошка евиденција и документација
2.2. Поддршка на наставниците за работа со учениците	Помош и поддршка на наставниците во работата со ученици со пречки и потешкотии во учењето	Психолог Дефектолог наставници	Во текот на годината	Стручна литература	Препознавање на потребите на учениците, почитување на личноста на секој ученик , идентификување и развивање на неговите јаки страни	Евиденција од остварена соработка со наставниците и работа со ученици со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии,надарени ученици Идентификациони листи Изготвени индивидуални образовни програми
	Помош и поддршка на наставниците во работата со талентирани и надарени деца	Наставници Педагог	Во текот на годината	Стручна литература прирачници	Препознавање на потребите на учениците, почитување на личноста на секој ученик , идентификување и	Извештај од спроведена активност Наоди од психолошки тестови

					развивање на неговите јаки страни	
	Работа со наставниците за подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот развој кај учениците	Стручни соработници Наставници	Во текот на годината	Стручна литература прирачници	Подобрување на развојот на учениците	Извештај од спроведена активност
	Реализирање на работилници со наставници, ученици и родители на тема: психосоцијална поддршка на ментално здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуации на криза	Стручни соработници Наставници Родители	Во текот на годината	Стручна литература прирачници	Поддршка не учениците во ситуација на криза	Извештај од спроведени активности

Подрачје 3: Работа со родители						
	Активности	**Соработници**	**Реализација**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори/докази**
3.1. Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите	Советодавна работа со родители чии деца се соочуваат со неуспех со учењето , нередовно посетување на наставата и несоодветно Однесување	директор психолог дефектолог наставници	Во тек на учебната година	Евиднција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците	Надминати проблеми со учењето , редовноста и однесувањето	Евиденција од работа со родители
	Советодавна работа со родители за поддршка на децата со посебни образовни потреби	дефектолог стручни лица од Заводот за ментално здравје МКФ	Во тек на учебната година	Стручна литература Прирачници Евидентни листи Индивидуални образовни планови	Успешна инклузија на учениците со посебни образовни потреби во образовниот систем	Евиденција од работа со родители
3.2. едукација на родители	Информирање на родителите за работата на училиштето	Директор Стручни соработници	Во текот на учебната година	Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште, прирачници	Информирани родители за животот и работата на училиштето и поддршката која училиштето што им ја нуди на учениците	Брошура, веб страна на училиштето, училишен весник,записници од родителски средби и информативно – консултативни

						разговори со родител
	Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми	Директор Стручни соработници Наставници	Во текот на учебната година	Стручна литература	Успешна соработка со родителите Решавање и надминување на воспитно-образовните проблеми	Евиденција од остварена соработка со родители
Индивидуализирање и прилагодување на наставните содржини согласно способностите на учениците Градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето	Изработка на индивидуални образовни планови (долгорочни, среднорочни, краткорочни) и модифицирана наставна програма за работа со учениците со ПОП Примена на диференциран пристап во работата	Стручни соработници Наставници Родители	Октомври	Успешна реализација на наставната програма со сите ученици Повисоки постигања на учениците

Непосредна работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор со учениците со ПОП	Вежби за поттикнување на психомоторниот развој Помош при совладување на одредени наставни содржини преку диференцирен пристап	Специјален едукатор и рехабилитатор	Континуирано	Реализација на поставените цели во индивидуалниот образовен план и модифицираната наставна програма Подобрено функционирање на учениците и успешно извршување на активностите од секојдневниот живот
Поттикнување на социјалниот и емоционалниот развој на учениците со посебни образовни потреби, како и мотивација на ученикот за понатамошна работа и напредок	Разговори со учениците на одд.часови Разговори со родителите на индивидуални средби	Стручни соработници Родители Наставници	Континуирано	Одржување на социјални компетенции, усвоени социјални знаења и развиени социјални вештини Развиено чувство на самодоверба и самопочитување кај учениците со ПОП Активно и успешно учество на учениците со ПОП во социјалниот живот Развиени позитивни ставови кај учениците со типичен развој кон учениците со посебни образовни потреби
Изготвување на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби	Утврдување на критериуми за вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови	Стручни соработници Наставници	Континуирано	Развиени стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици
Следење на индивидуалните постигања на учениците со ПОП после секој квалификационен период	Ревизија и дополнување на среднорочните/тематски индивидуални образовни планови на полугодие Користење на инструменти за следење и вреднување	Наставници Стручни соработници	Континуирано	Извршена проценка на ефектите од примена на принципот на индивидуализација и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со учениците со ПОП Мислење по секој квартал за учениците со ПОП.

Професионална ориентација на учениците со ПОП од деветто одделение	Советување и разговор со родители Разговор и советување на ученикот со ПОП	Стручни соработници	Мај	Информирани ученици и родители за видот на професии/занимања Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште)
Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот Помош на наставниците при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа	Спроведување на интерни обуки за наставниците за работа со ученици со ПОП	Специјален едукатор и рехабилитатор	Во тек на годината	Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со ПОП
Унапредување на инклузивната култура и пракса во училиштето	Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес Посета на часови во паралелки каде има вклучено ученици со ПОП Анализа на вклученоста на учениците со ПОП во воннаставните активности Примена на парапрофесионални методи-врсничка асистенција Опсервација и разговор со наставници, родители и ученици	Стручни соработници Наставници	Во тек на годината	Развиена свест за потребите на учениците со ПОП, позитивна атмосфера и толеранција Подобрување на социјализацијата на учениците со ПОП Поголема вклученост во воннаставни активности Ученичка/врсничка поддршка за учениците со ПОП
Поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот на учениците	Учество на родителите при изготвување на индивидуални образовни планови	Наставници Родители Членови на УИТ	Во тек на годината	Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно-образовниот процес
Соработка со надлежни институци (Завод за ментално здравје, Клиника	Испраќање службени барања за наод и мислење и стручна ппроценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост	Стручни соработници	Во тек на годината	Помош и поддршка на наставниците, родителите и учениците во процесот на инклузивната работа

за детски болести, Завод за слух, говор и глас, Клиника за психијатрија, Стручно тело за стручна проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост итн.)	за ученици со ПОП Консултации за ученици со ПОП	Стручни лица од институциите		
Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби Сумирање на активностите на УИТ	Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови -Анализа на инклузивната култура и пракса во училиштето -Креирање стратегии за унапредување на инклузивното образование во училиштето -Изготвување на извештај за работата на училишниот инклузивен тим за учебната 2024/2025 год.	Членови на УИК Стручни соработници Наставници	Јуни	Изготвен извештај за работата на УИТ за учебната 2024/2025 год.

Членови на училишниот инклузивен тим: Игор Китановски – директор, Елена Панова – специјален едукатор и рехабилитатор, Катерина Богдановска Костадиноска - педагог, Весна Аврамовска – одделенски наставник, Никола Попадиновски– предметен наставник, Ирена Лозана – родител, Елена Витанова– родител.

Програма за работа на училишниот хор и оркестар во учебната 2025/2026

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели :

- Да создава навика за редовност и точност;
- Да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;
- Да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- Да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;
- Да ги почитува дадените упатсва на диригентот-менторот;
- Да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;

- Да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- Да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- Да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- Да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- Да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на другите народи.

Образовен процес
Структура на содржини

Задачи	**Цели:**	**Дидактички насоки**		**Инструменти**	**Начин на спрове-дување (Ресурси)**	**Временска рамка**
Дела за обработка	**Посебни цели:**	**Активности** Ученик:	**Активности** Наставник:			**Реализација**
Аудиција	-да е музикален -да има чист глас -да поседува соодветен тонски распон на гласот -да демонстрира една песна по свој избор	- Пеење на мелодиско – ритмички мотиви во различни тоналитети - Интерпретација на песна по свој избор; - Интерпретација на задолжителна песна;	- организирање на целосна аудиција - распејување - колективно пеење -поединечно преслушување - одредување на дијапазон (различни интервали-до дуодецима) - реаудиција на членовите од хорот	Разговор Евидентен лист за присутност; листа за проценка на музикалност.	Кабинет по музичко, Клавир синтисајзер	- Септември - Во текот на цела учебна година
Основи на вокалната техника	- да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето -да дише правилно -да демонстрира вежби за дишење - да демонстрира распејување	- пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал; - пее вежби за развивање на вокалната техника; - применува вежби за правилен пеачки став, - применува различно темпо и динамика;	-објаснува за основните елементи на вокалната техника -објаснува вежби за распејување; -објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи; -објаснува за внатрешен слух;	Разговор, Демон-страција; евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-Септември -Октомври -Во текот на цела учебна година

		- презентира креативна и естетска вокална интерпретација; - прави избор на програма;	-дискутира за пеењето кое не е само физиолошка,туку и интелектуална дејност за која е потребно емоционално доживување на тоновите,за да можат да допрат до свеста и душата на слушателот.			
,,Цинцири минцири”- Драган Шуплевски	-да го објасни текстот на песната -да дискутира за карактерот на композицијата -демонстрира вокална интерпретација	-да демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - да применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата;	-објаснува за карактерот на песната -објаснува за начинот на изведба на композицијата -работи одвоено по гласови при разработка на композицијата	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-Октомври
Композиција за патронен празник	-да ја идентификува композицијата - да дискутира за карактерот на композиција	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата; -стекнува искуство за јавна изведбена активност;	- објаснува за изборот на композициите; - го анализира текстот на композициите; - објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување	Разговор, Демон-страција; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-Ноември -Декември
,,Тамбурче”- Драган Шуплевски	-да го објасни текстот на песната -дискутира за карактерот на композицијата -демонстрира правилна вокална интерпретација	- Учествува во јавен настап со целосна одговорност и посветеност за успешна изведба; -ќе се стекне со натпреварувачки дух; - учествува на манифестација за која ќе	-објаснува за начинот на исполнување на композицијата; -дискутира за емоционално доживување	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка; слики; награди-диплома	Свечена сала за проби, кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-Јануари -Февруари

		даде критички и самокритички осврт; -ќе се дружи;				
Композиции за натпревар	-дискутира за карактерот на компо-зицијата -демонстрира правилна вокална интерпретација	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; - го доживува карактерот на композицијата;	-објаснува за композицијата и композиторот; -анализа на текст и карактер; -објаснува за начин на изведба	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутнос; листа на проценка	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	-Март -Април
Копмпозиции по слободен избор на учениците	-дискутира за карактерот на песната -демонстрира правилна вокална интерпретација		-ја објаснува содржината и карактерот на песната; -објаснува за начин на изведба			-Мај -Јуни

Забелешка: во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.

Организација на хорската настава

Часовите по ХОР ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е 3 часа седмично

(двогласни и тригласни композиции). Во училишниот ХОР можат да членуваат ученици од VI- IX одд. според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде пред или по редовната настава (во зависност од смените). Поради специфичноста на активностите, времето на реализација ќе биде организирано и спрема можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето, хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и за потребите на локалната средина, и пошироко за разни пригоди.

Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот хор ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, фронтална, групна, индивидуална и друга. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и др. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку вокална интерпретација. Ќе се соработува со разни културно-уметнички институции со цел да се презентира хорска интерпретација.

Просторни и материјално – технички услови

Наставата по ХОР ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи

Училишниот хор ќе настапува на сите културно – уметнички манифестации предвидени во Годишната програма на училиштето. Исто така ќе учествува и на хорски и оркестарски смотри-натпревари организирани од БРО.

Одговорен наставник Рашо Радоњиќ

Годишна програма за работа на заедницата на паралелката за учебна 2025-2026 година

Според членот 68 од Законот за основно образование, „сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката (одделението). Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето.

АКТИВНОСТ	**РЕСУРСИ**	**НОСИТЕЛИ**	**Време**	**Соработка**
Избор на одделенско раководство, а со тоа и делегати (претставници) во ученичкиот парламент.	Процедура за избор на претседател, анализа на формуларите за пријавување, листа со потписи и мотивациони писма	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Одд.раководител	Септември	Директор; Стручна служба
Организирање предавање за „Детските права и должности“ и работилница за изработка на флаери	Конвенција на детски права, компјутер, презентација, Принтер, хартија за печатење на флаери	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Одд.раководител	Октомври Ноември	Директор; Стручна служба
Уредување на училницата	Хартија во боја Хамери, ножици, лепак	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Одд.раководител	Ноември	Директор; Стручна служба
Новогодишна прослава	Лаптоп, звучници, интернет	Сите ученици во своите паралелки/одделенија	Декември	Директор; Стручна служба
Еколошка акција, избираме најзагадено место во околината да го исчистиме и да смислиме	Лопатки, метла, вреќи за отпадоци, хартија во боја, коноп, маркери	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Одд.раководител	Во текот на учебната година	Директор; Стручна служба

начин да се украси и да стане привлечно за посета (старо дрво на кое ќе обесиме пораки видни за минувачите, мурал и сл.)				
Хуманитарна акција за социјално загрозено семејство	Храна, хигиенски средства, облека	Сите ученици во своите паралелки/одделенија Одд.раководител	Во текот на учебната година	Директор; Стручна служба; Родители
Велигденски работилници со покана до најблиските (децата ќе си поканат омилен член од семејството за украсување на велигденско јајце	Украси, бои, четки, хамер, маркери	Сите ученици во своите паралелки/одделенија	Април	Директор; Стручна служба; Родители
Посета на театар, кино или музеј заедно со активите	Превоз, карти за посета	Сите ученици во своите паралелки/одделенија	Во текот на учебната година	Директор Стручна служба и надворешни соработници
Декорирање на холот и училишните ходници за одредени периоди од годината (годишно време,празник, случување)	Просторија,табла,креди во боја	Сите ученици во своите паралелки/одделенија	Во текот на учебната година	Предметен или одделенски наставник Предметен наставник по ликовно образование, директор, стручна служба
Формирање ученички групи за ученици кои имаат потреба од помош од појаките во одредена област	Просторија, табла, креди во боја	Сите ученици во своите паралелки/одделенија	Во текот на учебната година	Предметен или одделенски наставник; Стручна служба

Одговорен наставник:

Тања Стреоска Урумовска

Годишна програма за работа на ученички парламент и ученички првобранител за учебна 2025-2026 година

Година 2025/2026															
		Временска рамка (месец)													
Ред бр	**Активност**	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	**Носител на активноста**	**Очекувани резултати/ исход**
1.	Запознавање со значењето и надлежностите на ученички парламент	x												Одделенски класен раководител ученици	Прифатени одговорности и задачи
2.	Запознавање со процедура и изборот на претседател на ученички парламент и избор на ученички првобранител	x												Одделенски класен раководител ученици	Избрано раководство на паралелката (демократско учество на учениците) Формирани повремени и постојани тела
3.	Донесување на правилник за работа на заедница на паралелки и ученички парламент		x											Одговорен тим од наставници Стручна служба Ученици	Правилник за работа
4.	Разгледување на годишната програма за работа на ученички парламент и ученички првобранител		x											Одговорен тим од наставници	Годишна програма за работа
5.	Покренување ученичка иницијатива за разрешување на постоечките проблеми во училиштет			x										Директор, стручни соработници, наставници, родители тим од ученици	Развивање на чувство на одговорност преку заедничко учество во решавање на постоечките проблеми
6.	Работилница Човекови права				x									Одговорен тим од наставници Стручна служба Ученици	Развивање на чувство еднаквост за сите ученици и деца на овој свет. Сите имаме исти права.
7.	Организирање и спроведување на хуманитарна акција за ученици од социјално загрозени семејства					x	x							Елизабета Пејкоска – Црвен Крст Одговорен тим	Ученици Донации
8.	Спроведување истражување за насилство во училиштето				x	x	x	x						Стручна служба Одговорен тим Ученици	Плакати Анкетни листови

11.	Предавање на тема: Врсничка поддршка и соработка								x					Одговорен тим Ученици	Развиена свест за различностите Повисоки постигања кај сите ученици Унапредена инклузивна клима во училиштето и училницата
12.	Склучување договор со невладини огранизации		x	x	x	x	x	x	x	x				Директор Одговорен тим Ученици	Компјутер Интернет
13	Новогодишна магија во училиштето				x									Наставници Ученици	Развиена соработка и комуникација помеѓу учениците инаставниците Развиена креативност кај учениците
14	Одбележување на 8 Март- „ Меѓународниот ден на жената“							x						Наставници Ученици	Согледана важност на улогата и придонесот на жената во општеството Искажана љубов и благодарноста кон мајката
15	Одбележување на 21 Март- „Денот на пролетта и екологијата“							x						Наставници Ученици	Подигната свест за чување и заштита на околината
16	Одбележување на 22 Април- „Денот на планетата Земја“								x					Наставници Ученици	Подигната свест, создадени одговорности и навики за заштита на планетата Земја
17	Одбележување на 23 Април- „Светскиот ден на книгата“													Наставници, Ученици, библиотекар	Подигање свест за читање на книги
18	Одбележување на 20 Ноември- „Светски ден на детето“			x										Наставници Ученици	Почитување на детските права
19	Одбележување на Денот на училиштето									x				Наставници Ученици	Развиено чувство за организација иучество Почит кон делото на борците
20	Поднесување извештај од работата на УП													Одговорни наставници, ученици	Согледани резултати од работата на УП

Одговорни наставници:

Марија Павловска

Драган Димитровски

Програма за работа на ученички правобранител на ниво на училиште за 2025/2026 година

Ученикот правобранител претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку различни активности (едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.). Реализацијата на ваквите активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

Програма за работа на ученички правобранител			
РБ	**Содржина**	**Време на реализација**	**Реализатор**
1	Запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на децата	Октомври	Стручна служба, ученички правобранител, заменици
2	Работилница 1: Правата на децата - Имам право да ги знам моите права	Октомври	Стручна служба, ученички правобранител (заменици), Ученички парламент
3	Комуникација со членовите на Ученичкиот парламент и останатите ученици	Во текот на целата учебна година	Ученички правобранител (заменици)
4	Учество на состаноците на Ученичкиот парламент, давање предлози и сугестии	Во текот на целата учебна година	Ученички правобранител (заменици)
5	Работилница 2: Моја одлука, твоја одлука	Ноември	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент

6	Информативен ден за промоција на работата на ученичкиот правобранител Дебата : Борба против корупцијата (со ученици од осмо и деветто одделение	Декември	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
7	Прибирање поплаки од ученици и доставување до стручна служба	Во текот на целата учебна година	Стручна служба, ученички правобранител
8	Работилница 3: Превземање акција во училиште	Февруари	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент
9	Работилница 4: Интеркултурно образование	Март	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент
10	Учество во дебати	Во текот на целата учебна година	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
11	Дебата: Почитувањето на различностите – услов за добра училишна клима;	Април	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
12	Дебата : Кои се одликите на добриот лидер?	Мај	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник
13	Извештај за работата на ученичкиот правобранител во учебната 2025-2026г.	Јуни	Стручна служба, ученички правобранител, Ученички парламент, одговорен наставник

Програма за воннаставни активности за учебна 2025-2026 година

Училишни спортски клубови

Училишен спорт	Време на реализација	Опфатеност на ученици	Одговорни наставници
Ракомет	во тек на учебната година	VI,VII,VIII,IX одд.	Мирјана Стојкова
Кошарка	во тек на учебната година	VI,VII,VIII,IX одд.	Мирјана Стојкова
Футсал	во тек на учебната година	VI,VII,VIII,IX одд.	Мирјана Стојкова
Одбојка	во тек на учебната година	VI,VII,VIII,IX одд.	Мирјана Стојкова

Цели на училишниот спорт: правилен психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.

Конкретни цели се: стекнување и развивање на моторните способности како: аеробна и анаеробна способност, брзина, рамнотежа, координација на движењата, ориентација во простор, експлозивност, сила, развој на општата моторика и превенција на деформитети на локомоторниот систем преку правилно изведување на вежби за правилен анатомско-физиолошки, функционален и моторен развој, развој на фер-плеј однос и др.

Евалуација на постигањата: критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни), бројот на освоени награди.

Носители на активностите: Мирјана Стојкова – професор по физичко и здравствено образование

Секции/Клубови

Секции/клубови за учебна 2025-2026 год.

Назив на секција	Наставник
Драмско – рецитаторска секција	**Јасминка Трајковиќ** **Милена Манчиќ Пауновска**
Млади јазичари	**Дафина Ангелеска** **Каролина Димовска**
Биолошко - еколошка секција	**Даниела Петрушевска**
Географска секција	**Драган Димитровски**
Историска секција	**Никола Попадиновски**
Спортски активности	**Мирјана Стојкова**
Библиотекарска секција	**Светлана Давчева**
Ликовна секција	**Везира Идризовиќ**

Секциите ќе бидат формирани во месец Август по спроведена анкета за учениците за избор на секција/клуб кој ќе сакаат да го посетуваат. Врз основа на интересите на учениците ќе се формираат дополнителни секции/клубови за учебна 2025-2026 година и одговорни наставници за истите а по потреба во работата на секциите ќе се вклучат и други наставници, родители или волонтери од заедницата. Дополнителни секции и клубови кои ќе се формираат согласно интересите на ученииците се:

- секции за поддршка на воннаставни активности (фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултира)
- секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците (интеркултура/мултикултура, почитување на различностите, детски/човекови права, комуникациски вештини, разрешување конфликти, дебатирање)

Акции

Акции	Содржини	Цели	Време на реализизација	Одговорни наставници	Одделенија	Ресурси
Ученичка иницијатива за разрешување на постоечки проблеми во училиштето	Кампања за развивање на свест за чување на училишниот мебел и материјали	Да се подигне свеста на учениците за чување на училишниот мебел и материјали	Септември Декември	Марија Павловска Драган Димитровски	Ученички парламент Тим од ученици Наставници родители	Постери, флаери, едукативни предавања и дебати
Детската недела	Собирна акција	Развивање чувство за солидарност и хуманост	Октомври	Билјана Арсовска	Група ученици-претставници во Детската	Акции, брошури, презентации

					Организација од II до IX одд., родители, наставници	
Ден на гладта	Собирна акција	Да се подигне свеста на учениците за проблемот со гладта и развивање на хуманост и солидарност Продажба на вредносни купони во соработка со ООЦК „Гази Баба“	Октомври	Елизабета Пејкоска	Подмладокот на ЦК, Претставници од Црвен Крст на Скопје и ООЦК Гази Баба родители, наставници	Акции, брошури, презентации
Месецот на книгата	Подарување лектирни изданија - збогатување на училишната библиотека	Да се развива љубов кон книгата, читање на книгите, развивање чувство на хуманост, солидарност	Октомври-Ноември	Виолета Ванева Марија Павловска	V-1 и V-2 одд. родители, наставници	Акции, литература
,,Стоп за насилствата'' Меѓународен ден за борба против насилствата	Изработка на презентации, постери и флаери на тема ,, Стоп за насилството''	Учениците да ги препознаат видовите насилства и да се охрабрат да зборуваат за истите	Октомври	Сите одд.раководители од I до IX одд.	Ученици од I до IX	Постери, флаери, едукативни предавања и дебати
Вело училишта – спроведување активности планирани со проектот Вело училишта	Акции поврзани со проектот	Поттикнување на еко свеста за користење одржлив транспорт	Во текот на цела година	Билјана Арсовска	Ученици од I до IX	Акции брошури, презентации
Ден на општината	Учествување во одбележување на денот на општината	Соработка со локалната заедница	Ноември	Сите вработени во училиштето	Ученици од I до IX	Ликовни и литературни конкурси, спортски игри
Недела на грижа на стари лица	Посета на дом за стари лица	Зголемување на свеста за социјална инклузија, грижа и	Ноември	Елизабета Пејкоска	Група ученици од VI-1 и VI-2 одд.,	Посета на стари лица

		поддршка на старите лица			родители, наставници	
Новогодишни празници	Собирна акција за деца без родители – СОС детско село	Да се поттикне доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост	Декември	Билјана Арсовска	Група ученици-претставници во Детската Организација од I до IX одд., родители, наставници	Сликовници, книги, учили шен прибор, новогодишни пакетчиња, облека и обувки, посета на СОС – детско село
Први март – Ден на мартинките	Подарување мартинки во детската градинка ,,25 мај,, - Пони	Да се развива креативност и творечка фантазија, соработка со локалната средина	Март	Елизабета Пејковска Ивана Јовановска Јане Тасев Тања Ѓорѓиевска	I-1 и I-2 одд. родители, наставници	Волници, игли за плетење, презентации
Ден на пролетта	Хортикултурно уредување на дворот засадувајќи цвеќе и садници	Да се зајакне еколошката свест кај учениците	Март	Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска	Ученичка заедница, родители, наставници	Садници, пролетни цвеќиња, градинарски алат
Ден на пролетта	Еко хепенинг со музички, ликовен и поетски перформанс	Да се развиваат уметничките таленти кај учениците и промоција на вештините на учениците	Март	Рашо Радоњиќ Везира Идризовиќ Јасминка Трајковиќ Милена М. Пауновска	Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници	Хор и оркестар, ликовни и литературни творби
Светски ден на планетата Земја	Еколошки активности - собирање отпадоци, чистење на училишниот двор и околните улици	Да се подигне нивото на свеста кај учениците за зачувување на животната средина, соработка со	Април	Даниела Петрушевска Билјана Лазаревска Никола Попадиновски	Сите паралелки од I до IX одд. родители, наставници	Пластични кеси, ракавици, градинарски алат

		локална самоуправа				
Месец на солидарноста	Собирна акција Собирање на храна и облека	Да се поттикне доброволно ангажирање и постојана подгот веност за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост	Мај	Елизабета Пејкоска	Подмладок на ЦК ученици, наставници, родители	Интернет, едукативен материјал, презентации
Одбележување крајот на учебната година	Спортски меморијален турнир во кошарка	Да соработува и учествува во тимска работа, да поседува фер-плеј способности и однесување на натпреварите	Јуни	Мирјана Стојкова Игор Илиевски Кристијан Јовановски	Групи ученици од VI до IX одд. родители, наставници	Спортска опрема

Програма за додатна настава за учебна 2025-2026 година- одделенска настава

АКТИВНОСТ	**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ**	**РЕСУРСИ**	**ИНСТРУМЕНТИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**	**ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ**
Креирање политика за поддршка на планирањето на додатната настава во училиштето	-Директор -Стручни соработници -Наставници	-Анализа на состојбата -Стручни материјали од БРО (наставни планови и програми)	-Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на додатна настава	Септември	-Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава
Следење на реализацијата на	-Директор	-Следење на планирањата на наставниците	-Посета на часови	Во тек на годината	-Подобар квалитет при реализација на додатната настава

додатната настава	-Стручни соработници	-Следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава	-Евидентен лист за реализација на додатна настава -Работни листови за учениците		-Обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици
Евалуација	-Директор -Стручни соработници	-Програми и подготовки на наставниците -Посета на час	-Прашалник за наставниците -Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти	Јуни	-Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области -Поголемо учество на организирани натпревари на знаење

Програма за дополнителна настава за учебна 2025-2026 година- одделенска настава

АКТИВНОСТ	**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ**	**РЕСУРСИ**	**ИНСТРУМЕНТИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**	**ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ**
Креирање на политика за поддршка на планирањето на дополнителна настава во училиштето	-Директор -Стручни соработници -Наставници	-Анализа на состојбата -Стручни материјали од БРО (наставни планови и програми)	-Прашалник за наставниците за ефектите од реализација на дополнителната настава	Септември	-Увид во досегашната состојба при реализација на дополнителната настава
Следење на реализацијата на дополнителна настава	-Директор -Стручни соработници	-Следење на планирањата на наставниците -Следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителна настава	-Посета на часови -Евидентен лист за реализација на дополнителна настава настава -Работни листови за учениците	Во тек на годината	-Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава -Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици со потешкотии во учењето

Евалуација	-Директор -Стручни соработници	-Програми и подготовки на наставниците -Посета на час	-Прашалник за наставниците -Обработка на податоците од увид на часови-пополнети инструменти	Јуни	-Зголемени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето

Програма за додатна настава за предметна настава

Ред број	Активност	Време на реализација	Реализатор	Очекувани ефекти
1.	Следење на ученикот во наставата, неговиот напредок во усвојувањето на знаењата	Септември- Мај	Предметни наставници	Детекција на ученици кои во текот на наставата не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од теми / области во рамки на одредениот предмет
2.	Известување на родители за потреба од следење на дополнителна настава на нивните ученици	Септември -Мај	Предметни наставници Родители	Родителот е запознает со слабиот напредок, потешкотиите и слабите резултати во следењето на наставата од одреден предмет. Родителот е информиран за потребата од реализација на дополнителна настава со ученикот, цели, форми и динамика на реализација. Родителот дава согласност за вклучување на ученикот во дополнителна настава.
3.	Идентификација на содржини во кои ученикот има потешкотии и послаб напредок во совладување на содржините	Септември- Мај	Предметни наставници	Изготвена програма за реализација на дополнителна настава со ученикот по одредениот предмет. Определување содржини, форми и методи за реализација на дополнителната настава со ученикот.
4.	Реализација на програма за дополнителна настава	Септември- Јуни	Предметни наставници Ученици	Подобрен успех и постигнувања на ученикот по одредениот предмет/содржина. Унапредена самодоверба, внимание, концентрација и способности за учење на ученикот.
5.	Следење на напредокот на ученикот	Септември- Мај	Предметни наставници Родители	Утврдени потреби за продолжување или прекинување на реализацијата на дополнителната настава. Процена на совладани содржини и содржини на кои треба да се посвети поголемо време и работа во следниот период.

6.	По потреба ревидирање на програмата за дополнителна настава со ученикот	Октомври-Април	Предметни наставници	Направени промени во програмата за дополнителна настава со ученикот, внесени нови содржини, форми, методи и временска рамка кои ќе овозможат поголем напредок и подобар успех на ученикот.
7.	Водење евиденција за реализација на дополнителна настава	Континуирано во текот на годината	Предметни наставници	Тековна евиденција на реализирани содржини и увид во степенот на реализација на програмата за дополнителна настава
8.	Евалуација на реализацијата на дополнителната настава	Јуни	Стручни активи	Утврден ефект од реализацијата на дополнителната настава. Добиени сознанија за изработка на пофункционална програма за дополнителна настава за следната учебна година.

Програма за дополнителна настава за предметна настава

Ред број	Активност	Време на реализација	Реализатор	Очекувани ефекти
1.	Следење на ученикот во наставата, неговиот напредок во усвојувањето на знаењата	Септември-Мај	Одделенски и предметни наставници	Детекција на ученици кои во текот на наставата не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од теми / области во рамки на одредениот предмет.
2.	Известување на родители за потреба од следење на дополнителна настава на нивните ученици	Септември - Мај	Одделенски и предметни наставници Родители	Родителот е запознает со слабиот напредок, потешкотиите и слабите резултати во следењето на наставата од одреден предмет. Родителот е информиран за потребата од реализација на дополнителна настава со ученикот, цели, форми и динамика на реализација. Родителот дава согласност за вклучување на ученикот во дополнителна настава.
3.	Идентификација на содржини во кои ученикот има потешкотии и послаб напредок во совладување на содржините	Септември - Мај	Одделенски и предметни наставници	Изготвена програма за реализација на дополнителна настава со ученикот по одредениот предмет. Определување содржини, форми и методи за реализација на дополнителната настава со ученикот.
4.	Реализација на програма за дополнителна настава	Септември-Јуни	Одделенски и предметни наставници Ученици	Подобрен успех и постигнувања на ученикот по одредениот предмет/содржина. Унапредена самодоверба, внимание, концентрација и способности за учење на ученикот.
5.	Следење на напредокот на ученикот	Септември-Мај	Одделенски и предметни наставници Родители	Утврдени потреби за продолжување или прекинување на реализацијата на дополнителната настава. Процена на совладани содржини и содржини на кои треба да се посвети поголемо време и работа во следниот период.

6.	По потреба ревидирање на програмата за дополнителна настава со ученикот	Октомври-Април	Одделенски Предметни наставници	Направени промени во програмата за дополнителна настава со ученикот, внесени нови содржини, форми, методи и временска рамка кои ќе овозможат поголем напредок и подобар успех на ученикот.
7.	Водење евиденција за реализација на дополнителна настава	Континуирано во текот на годината	Одделенски и предметни наставници	Тековна евиденција на реализирани содржини и увид во степенот на реализација на програмата за дополнителна настава
8.	Евалуација на реализацијата на дополнителната настава	Јуни	Стручни активи	Утврден ефект од реализацијата на дополнителната настава. Добиени сознанија за изработка на пофункционална програма за дополнителна настава за следната учебна година.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Цели	Содржини и активности	Реализатор	Време	Очекувани ефекти
Увид на реалната состојба и потреба за работа со ученици кои потешко напредуваат во учењето	Изготвување на годишна програма за работа од наставниците - Следење на работата на учениците и нивниот однос кон учењето -Соработка со родителот за откривање на причините од страна на наставникот -Откривање и идентификација на учениците преку листа за идентификација	Класни раководители Предметни наставници Родители Стручна служба	Септември	Мотивирање на учениците за постигнување на подобри резултати
Соработка и доверба меѓу ученик наставник, наставник-родител	- Соработка со стручна служба - Разговор со учениците -Соработка со родителите, стручна служба, наставник -Вклучување во дополнителна настава	Директор Родител Стручна служба	Октомври	Оспособување за самостојна работа
Стручно усовршување и унапредување на работата на наставниците работа со учениците.	-Соработка со надворешни институции -Советодавна работа со наставниците за индивидуална работа со учениците -Следење и помош во самостојната работа -Анализа на постигнатиот успех во првото полугодие	Директор Стручни соработници Предметен наставник	Ноември Декември	Унапредување на наставата

Примена на методи и средства според можностите на учениците	-Помош на наставниците во реализација на дополнителните часови -Изнаоѓање начини за подобрување на успехот –Употреба на форми, методи и наставни средства за работа -Соработка со родителите и стручната служба	Наставник Родител Стручни соработници	Февруари Март	Развој на индивидуалните карактеристики на учениците
Анализа на постигнатите резултати заради превземање на соодветни активности во иднина	-Следење на успехот -Работа на дополнителни часови -Предлог за вклучување на учениците во работа со надворешни институции	Наставник Стручна служба Директор	Април - Мај	Оспособување за самостојна работа и нивна практична примена

Програма за вонучилишни активности за учебна 2025-2026 година

Програма за планирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности во училиштето во учебната 2025/2026 год.

Екскурзија е форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето., се применуваат вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето. Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од нашата земја.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

Екскурзии / Излети	Време на изведување	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	Септември-Октомври	Раштак- Сарачево	**II– IXодд.**
Еднодневен пролетен излет	Април-Мај	Кучково	**I– IXодд.**
Еднодневна екскурзија	Април-Мај	Тетово	**III одд.**
Дводневна екскурзија	Април-Мај	Источна Македонија	**VI одд.**
Тродневна екскурзија	Септември-Октомври	Западна Македонија	**IX одд.**
Настава во природа	Мај (по посебно изготвена програма)	Охрид/ Струга	**V одд.**
Набљудувања	Во текот на годината	Според програмата	**I – IX одд.**
Посета на знаменитости и установи	Во текот на годината	Според програмата	**I – IX одд.**

Во текот на учебната година за сите ученици ќе бидат организирани:

1.1 ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Место: ***Парк Сарај, Скопје***
Носители на активностите:

- одделенски и предметни наставници
- учениците од 1 – 9 одд.

- **Образовно – воспитни цели:**
- запознавање со природните убавини на Раштак-Сарачево;
- градење на позитивен однос кон природата. Спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и специфичните природно-географски обележја на Раштак;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како и кон животните

Образовно – воспитни задачи:

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација и колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности и рекреација и создавање навики за здраво живеење ,

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

Одговорен наставник: Никола Попадиновски, наставник по историја

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Носители на активностите: учениците од 1 – 9 одделение, одделенските наставници и класните раководители.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Време на реализација: септември- октомври

Времетраење: еден ден

Локации за посета: Раштак- Сарачево

Правци на патување: нас. Хиподром – Раштак – нас. Хиподром

Техничка организација:

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водич и здравствено лице.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.



1.2 ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Место: Кучково, кај крстот
Носители на активностите:

- одделенските наставници
- учениците од 1 – 9 одд.

Образовно-воспитни цели:

- запознавање со природните убавини и знаменитости на месноста Кучково и околината;
- градење на позитивен однос кон природата, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со други средини и нивните природно-географски обележја, со рељефот;
- вегетацијата на овие простори;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат луѓето, како и кон животните.

Задачи:

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;

- развивање интерес за спортски активности и рекреација ,
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.
Одговорни наставници: Јане Тасев, одделенски наставник
Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето
Носители на активностите: Учениците од 1 – 9 одделение, одделенските наставници и класните раководители.
Време на реализација: Април- Мај
Времетраење: Еден ден
Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

Локации за посета: Кучково, кај крстот
Правци на патување: нас.Хиподром – Кучково -нас.Хиподром



Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.
Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.

1.3 *ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ*

Вид на екскурзија: научно - наставна
Времетраење : еднодневна
Време на реализација: Април-Мај
Место: Тетово
Носители на активности

- одделенските раководители од 3 одделение
- ученици од 3 одделение

Образовно-воспитни цели:

- Учениците да се запознаат со местоположбата на градот Тетово;
- Да стекнат знаења за историјата на градот Тетово;
- Изразно опишување на настаните - традициите од градот Тетово со околината;
- Стекнување на знаења за животот и делото на Кирил Пејчиновиќ, историското значење на манастирот Св. Атанасиј и црквата Св.Богородица
- Стекнување знаење за значењето на Лешочкиот манастир од страна на одговорно лице
- Да развива позитивен однос кон животната средина
- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, релјефор, вегетацијата на овие простори
- Негување на старите културни вредности и обичаи
- Развивање на другарство и социјализација на учениците
- Рекреација и развивање на дух за зачувување и негување на старите градби, обичаи и легенди

Содржина и опис на активностите: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.
Раководители на екскурзијата: Директорот на училиштето
Одговорни наставници: одделенските наставници на 3-те одделенија Даниела Наковска и Елена Колева Урумовска, Јане Тасев, Виолета Поповска и Марија Трпковска.

Локации за посета и правци на патување:

Поаѓање на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува кон Тетово. Стигнување во Тетово, посета на Шарената Џамија, Тетовското кале, Лешочки манастир и гробот на Кирил Пејчиновиќ. Враќање во Скопје во попладневните часови.



Техничка организација:
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, туристички водач и здравствено лице.
Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.
Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.
Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.
Начин на вреднување и користење на резултатите:

- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За оние ученици кои нема да одат на екскурзија, во училиштето ќе биде организирана настава.

1.4 ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ-ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

Вид на екскурзија: научно - наставна
Времетраење : 2 дена
Време на реализација: Април-Мај
Опфатеност на ученици: VI-1 одделение, VI-2 одделение
Образовно – воспитни цели:

- запознавање со природните убавини и знаменитости на Источна Македонија, нивните природно-географски обележја, релјефот, вегетацијата на овие простори,

- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви,езеро,граничен премин,печатница , локалитетот Стоби и др,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Образовно – воспитни задачи:

VIII	4	93	**32**	**35**	**67**	**6**	**3**	**9**	**1**	**0**	**1**	**8**	**6**	**14**
IX	4	85	**31**	**35**	**66**	**4**	**1**	**5**	**0**	**0**	**0**	**7**	**5**	**12**
VI - IX	**16**	**345**	**117**	**132**	**249**	**12**	**9**	**21**	**2**	**2**	**4**	**35**	**26**	**61**

4. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Со правилно материјално-техничко работење на училиштето, се обезбедуваат тековно потребните наставни средства и помагала, библиотечен фонд наменет за учениците и наставниците, смарт табли во секоја училница, лаптоп за секој наставник, осовременување на училниците и училиштето според можностите, современа фискултурна сала и слично. Училиштето е поврзано со интернет за непречено одвивање на ИКТ во наставата и има сопствена facebook и web-страна. Овој тренд продолжува во рамките на финансиските можности.

Важно е да се спомене дека како и секоја учебна година така и во учебната 2025/26 година бесплатните учебници кои ќе ги добијат учениците од страна на МОН ќе бидат распределени на секој ученик поединечно.

Во поглед на техничките услови за работа пред почетокот на новата учебна година во училиштето ќе се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација и на сите простории. Во текот на годината ќе се користат сите механизми за стекнување на дополнителни финансиски средства со кои ќе се овозможува подобрување на условите за настава во училиштето, како и тековно одржување на училишната зграда и обезбедување да се подобрат условите за престој во истата.

Училиштето ќе ја продолжи соработката со ресорното Министерство, локалната самоуправа, владини и невладини организации и со родители за понатамошно доопремување и осовременување на истото се во интерес на учениците.

5. МИСИЈА И ВИЗИЈА

Во училиштето да се создаде средина за учење и престој на учениците со еднакви можности за сите. Учениците да се потикнуваат и да се совладуваат наставните содржини во согласност со нивните интереси и можности како и со постојана меѓусебна соработка на учениците, наставниците и родителите како активни субјекти во воспитно-образовниот процес. Создаваме една интегрирана, осмислена програма во која децата можат да истражуваат и да експериментираат преку лично искуство. На децата им даваме можност да ги следат своите интереси и размислувања, да прават избор и да преземат одговорност за сопственото учење. Обезбедуваме безбедна средина во која постои меѓусебно почитување, образованието е партнерство помеѓу родителите, наставниците и учениците. Наставниците, родителите и целата училишна заедница се вклучени во препознавањето на нашата мисија.

МИСИЈА

Патот до успехот е секогаш во изградба, секогаш и од секого можеш да научиш нешто ново.

ВИЗИЈА

Учениците да ги интегрираме Инклузивно, Интеркултурно и Мултикултурно.

⇨ ***Начин на спроведување на мисијата и остварување на визијата:***

- ✓ Охрабруваме љубопитност, имагинација и креативност;
- ✓ Ги почитуваме и ги поттикнуваме да се спознаат себе си, сопствените можности, умеења, интереси, стил на учење и култура;
- ✓ Екстерни и интерни предавања и работилници наменети за ученици, наставници и родители;
- ✓ Со развивање мотивација за учество во проекти кои негуваат соживот меѓу различните националности кои вклучуваат инклузивна и мултиетничка соработка и толеранција;
- ✓ Веруваме во секој поединец, свесни сме дека секое дете е посебно, затоа со децата градиме позитивни односи;
- ✓ Проширување на соработката со меѓународни образовни институции;
- ✓ Поголема соработка на училиштето со училишта и организации од нашата држава, од соседните држави како и соработка со држави од ЕУ со цел да се јакне квалитетот на наставата и усовршување на наставниците и учениците;
- ✓ Усовршување и едукација на наставниот кадар, поттикнување на наставниците да се вклучат во Етвининг и Еразмус проекти;
- ✓ Збратимување и соработка со училишта од странство;
- ✓ Соработка со меѓународни институции во државата -Учество на меѓународни обуки;
- ✓ Учество на меѓународни конкурси, натпревари;
- ✓ Реализација на Етвининг и Еразмус проекти;
- ✓ Развиваме динамична, предизвикувачка средина за учење во која децата можат да го развијат нивниот целосен потенцијал - социјално, емотивно, креативно, интелектуално и физички;
- ✓ Кај учениците развиваме разбирање за сличностите и разликите кај луѓето и способноста да се донесат општествено одговорни одлуки;
- ✓ Охрабруваме флексибилност, снаодливост, критичко размислување и комуникација;
- ✓ Ја почитуваме искреноста, сочувството, храброста и различноста;
- ✓ Промовираме континуиран професионален и личен развој на нашите вработени;

6. “LESSONS LEARNED” – Веќе научено/стекнати искуства

Во училиштето навремено и точно се изработуваат сите видови планирања, правилно и редовно се води педагошката евиденција и документација, се користат наставни форми и методи за работа на учениците, се користат различни форми на интеракција со учениците во согласност со наставниот план и програма како и со интересите и можностите на учениците. Нашиот квалитетен образовен процес се темели на убедувањето дека грижата, учењето и негата формираат една образовна целина која нѐ поттикнува добросостојбата и ангажираноста на секое дете да го сметаме како предуслов за еднакво учење и постигање. Тргнувајќи од тезата дека учењето се случува на разни начини и во разни ситуации наша крајна цел е секогаш да поставуваме високи, но сепак реални очекувања за секое дете, а преку тоа поттикнуваме љубопитност, истражувачки вештини, критичко мислење и соработка, така што секое дете во нашето училиште може да развие афинитети и вештини за доживотно учење.

Се користи ИКТ, примена на различни методи и форми на работа при обработката на наставните содржини во согласност со наставните програми, примена на критериумите и стандардите за оценување на учениците пропишани од БРО, диференцирани цели во наставата за учениците со посебни образовни потреби, промоција на изработките на учениците во училиштето и во медиумите, добра соработка со другите училишта на општинско, регионално и на државно ниво.

Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигањата на учениците. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, родителите навремено се известуваат за постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор, се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, со ПОП и надарените ученици.

Се следат и применуваат промените на наставниот план и програма, новите ставки во Законот за основно образование, новите стекнати знаења се имплементираат во наставниот и воннаставниот процес на училиштето. Од анализата на постигнатиот успех и поведение во минатата учебна година дојдовме до заклучок дека постигнатиот успех е солиден и преовладуваат ученици со примерно поведение.

Се почитуваат законските правила и прописи, се води сметка за безбедноста во училиштето, исто така се почитува куќниот ред на училиштето и кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите.

⇨ **Се спроведоа и реализираа низа проекти:**

- ✓ Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“;
- ✓ Проект „Cultural rainbow“;
- ✓ „ Колективен постапувач“ – последици од текстилен отпад и негова обработка;
- ✓ Проект „СТЕМ едукација со ЛЕГО за напредна популација“;
- ✓ Проект „ Еколошки отпечаток на младите во Гази Баба“;
- ✓ Проект „ Превенција од насилен екстремизам и радикализација“;
- ✓ Проект „ Сплотени градиме отпорна заедница“;

- ✓ Проект „ Подобрување на свесноста на учениците и наставниците во основните училишта за превенциија од насилство, закани и опасности“
- ✓ Проект „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди Инклудиран;
- ✓ Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем;
- ✓ „Мултикултурализмот во образованието“;
- ✓ Проект "Квалитетно Образование за Сите“;
- ✓ „Влијанието на семејните ставови врз поврзувањето на Интернет и безбедното користење на интернетот";
- ✓ „Крени глас против врсничкото насилство“
- ✓ “Практично учење преку игра за подобрување на вештините за сајбер безбедност “

⇨ **Од поставените стратешки цели од минатата година реализирани се следните:**

- ✓ Поголемо вклучување на училиштето во меѓународни рамки;
- ✓ Размена на искуства и соработка со домашни и странски образовни институции;
- ✓ Стручно усовршување на наставници во соработка со меѓународни образовни институции;
- ✓ Промовирање на интеркултурализам и сензибилизација на учениците за прифаќање на други култури, развивање на критичкото мислење;
- ✓ Поголема вклученост на учениците во воннаставни активности без разлика на пол, национална припадност и способности;
- ✓ Поголемо ниво на самооценување и самовреднување на учениците;
- ✓ Поголема примена на различни стилови на учење во процесот на поучување;
- ✓ Зајакнати компетенции на наставниците за работа со ученици со посебни потреби;
- ✓ Подобрување на комуникацијата и тимската работа меѓу наставниот кадар;
- ✓ Поголемо вклучување на родителите во активности на ниво на училиште;

Успехот на нашата досегашна работа, кој и во иднина треба да продолжи, е резултат првенствено на чувството за емпатија кое постојано го поттикнуваме кај учениците, грижата за другите, почитувањето на разликите, како и изразувањето и аргументирање на своите ставови, правењето добар избор, донесување одлуки и постигнување согласност во групата. Постојаната вклученост на учениците и наставниците во проектни активности кои се залагаат за почитување на детските права и кои ги храбрат учениците гласно да говорат за личните потреби во општеството нѐ ставаат на пиедесталот меѓу сличните на нас. Токму во таа насока во нашето училиште работат и ученичкиот парламент и училишен правобранител. Успешната и квалитативна работа се темели на сеопфатна компаративна анализа за постигањата на учениците, примената на ученичкото досие, грижа и обезбедување услови за вклучување на учениците со хронични медицински состојби и посебни потреби во редовната настава и воннаставните активности како и работата на специјален едукатор и рехабилитатор со истите овие ученици. Позитивен ефект во планирањето и реализирањето на наставата придонесува претходно пропишаната и утврдена

процедура за поддршка и следење на планирањето и реализирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници и процедурата за примена на стекнатите знаења од обуки во наставата, како и примената на досегашната практика за размена на искуства во рамките на стручните активи.

Во успешното остварување на предвидените активности голем придонес дава успешната соработка со родителите и училишниот одбор. Важна улога во следењето на предвидените активности и нивно реализирање голем придонес има и работатат на тимовите составени од претставници од наставниот кадар и стручната служба. Воспоставениот систем на работа ќе продолжи со истиот интензитет како и досега вклучувајќи дополнителни активности преку примена на современи методи на работа, примена на интерактивни табли, поголема имплементација на ИКТ програмата, учество во проекти преку кои ќе се развива еколошката свест кај учениците со имплементирање на ЕКО- проектот, но особено ќе се стави акцент на соработката на училиштето со меѓународни образовни институции, преку учество во Етвининг и Ерзмус проекти преку кој ќе се развива инклузивност, мултикултурализмот и интеркултуразлизмот, ќе се работи на унапредување на работата на училишната библиотека и медијатека, медиумска покриеност на активностите во училиштето со примена на критичкото мислење како моќна алатка која ќе помогне во решавање на училишните задачи но и животните предизвици. Нашите стратегии ќе се одвиваат во насока на развивање вештини кои се неопходни за децата да станат одговорни членови на заедницата.

7. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Од спроведената Самоевалуација, Развојна програма и Годишниот извештај за работа на училиштето, произлегуваат следните приоритети за новата учебна 2025/2026 година кои што се во тесна врска со потребите и интересите на учениците, родителите и вработените во склад со можностите на училиштето:

Конкретна цел 1.1.4 Доследна примена на процедурата со талентирани и надарени ученици со цел зголемено учество на меѓународни конкурси, натпревари					
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење**
Изготвување планови за работа со талентирани и надарени ученици	Изготвени планови	Наставници	2023-2026	Стручна литература	Тим за работа со надарени и талентирани ученици
Работа со талентирани и надарени ученици	Евиденција за реализирани активности од работа со талентирани и надарени ученици	Наставници	2023-2026	Зависно од планираните активности	Тим за работа со надарени и талентирани ученици
Учество на талентирани и надарени ученици на меѓународни конкурси, натпревари	Зголемено учество на талентирани и надарени ученици	Наставници талентирани надарени ученици	2023-2026	Зависно од планираните активности	Тим за работа со надарени и талентирани ученици Одговорни наставници за реализација на натпреаври

Акциски план																			
Учебна 2025/2026 година																			
Задача	**Активност**	**Временска рамка (месец)**											**Следење**						
		9	**10**	**11**	**12**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**Носител**	**Начин на спров. (ресурси)**	**Инст.**	**Очекувани резултати**	**Одг. лице**	**□ х**	**Пот буџ**
Доследна примена на процедурата со талентирани и надарени ученици со цел зголемено учество на меѓународни конкурси, натпревари	Изготвување планови за работа со талентирани и надарени ученици	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	Директор Наставници Стручна служба Стручни лица	Детектирање на надарени и талентирани ученици; Континуирана додатна работа во согласност со нивните интереси; Обебзедување на потребни средства и услови за напредок; Учество на меѓународни конкурси и натпревари;	Резултати од натпревари; Извештаи; Записници; Извештаи од додатна настава; Соодветна литература;	Напредување и потигнување на унадарените и талентираните ученици во согласност со нивните интереси;	Директор Наставници Стручна служба		
	Работа со талентирани и надарени ученици	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓			Наставници Стручна служба				Наставници Стручна служба		
	Учество на талентирани и надарени ученици на меѓународни конкурси, натпревари	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓			Наставници Стручна служба Ученици				Наставници Стручна служба Ученици		
	Соработка со други училишта	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓				Директор Наставници Ученици				Директор Наставници Ученици		

7.1. План за евалуација на акциските планови

Критериум за успех	Индикатори за успешност	Инструменти	Повратна информација	Одговорни за следење
Доследна примена на процедурата со талентирани и надарени ученици со цел зголемено учество на меѓународни конкурси, натпревари;	Правилно детектирање на надарени и талентирани ученици; Постигнување на поголем успех на учениците и училиштето во согласност со нивните интереси;	Резултати од натпревари; Извештаи; Записници; Извештаи од додатна настава; Соодветна литература;	Зајакнување на компетенциите на наставниците за работа со ученици со одредени потешкотии;	Директор; Наставници; Стручна служба;

⇨ ***Училишен тим за евалуација на акциските планови:***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Марина Пазаркоска - психолог**
3. **Тања Златановски- педагог**
4. **Елизабета Ордева- одделенски наставник**

8. ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

8.1. Календар за организација и работа на основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и наука и го објавува во Службен весник (www.slvesnik.com.mk)

Календар за работа на училиштето

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно-образовната дејност и ученички одмори за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2024 година и завршува на 19 јануари 2025 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршувана 31 август 2025 година.

Член 5

Основните училишта во времето од 11 јуни до 19 јуни 2025 година организираат дополнителна настава и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2025 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа со учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во текот на наставната година во основните училишта се остваруваат 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзиии Денот на дрвото, Денот на еколошката акција на младите во Република Северна Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Календар за работа на ООУ „Дане Крапчев“ – Скопје за учебна 2025/26 година

СЕДМИЦА	1.	2.	3.	4.	5.	6.	7.	8.	9.	10.	11.	12.	13.	14.	15.	16.	17.	18.	19.	20.	
2025-2026	I полугодие																				
Работни денови	Септември					Октомври					Ноември					Декември					ВК
Понеделник	1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10	17	24		1	8	13	20	27	16
Вторник	2	9	16	23	30		7	14	21	28	4	11	18	25		2	9	14	21	28	18
Среда	3	10	17	24		1	8	15	22	29	5	12	19	26		3	10	15	22	29	18
Четврток	4	11	18	25		2	9	16	23	30	6	13	20	27		4	11	16	23	30	17
Петок	5	12	19	26		3	10	17	24	31	7	14	21	28		5	12	17	24	31	17
Вкупно денови	21					22					20					23					86

СЕДМИЦА	21	22	23	24	25	26	27	28	29	30	31	32	33	34	35	36	37	38	39	40	41	42	43	44	45	
2024-2025	II полугодие																									
Работни денови	Јануари			Февруари					Март					Април					Мај					Јуни			ВК
Понедел.		26		2	9	16	23		2	9	16	23	30		6	13	20	27		4	11	18	25	1	8		18
Вторник	20	27		3	10	17	24		3	10	17	24	31		7	14	21	28		5	12	19	26	2	9		21
Среда	21	28		4	11	18	25		4	11	18	25		1	8	15	22	29		6	13	20	27	3	10		21
Четврток	22	29		5	12	19	26		5	12	19	26		2	9	16	23	30		7	14	21	28	4			20
Петок	23	30		6	13	20	27		6	13	20	27		3	10	17	24		1	8	15	22	29	5			17
Вкупно денови	9			20					21					20					19					8			97

Неработни денови за учебна 2025/26 година

- **Државни празници**

- 8-ми Септември (Понеделник), Ден на независноста
- 23-то Октомври (Четврток), Ден на македонската револуционерна борба
- 8-ми Декември (Понеделник), „Св. Климент Охридски”
- 20-ти Март (Петок), Рамазан Бајрам - прв ден
- 1-ви Мај (Петок) Ден на трудот
- 13-ти Април (Понеделник), Втор ден Велигден

- **Неработни денови за граѓани од православна вероисповед**

- 6-ти Јануари- Бадник распуст, (Вторник);
- 8-ми Јануари - Божик, втор ден (Четврток)
- 19- ти Јануари- Богојавление/Водици, (Понеделник);
- 10-ти Април- Велики петок,(Петок);

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часови на наставниот кадар, распоред на часови

⇨ **Класни раководители**:

- ✓ Лиле Сарваноска - 6/1 одделение
- ✓ Јовица Димески - 6/2 одделение
- ✓ Магдалена Павлеска - 6/3 одделение
- ✓ Катица Стојчевска - 6/4 одделение
- ✓ Марина Пејковска - 7/1 одделение
- ✓ Роза Јаневска - 7/2 одделение
- ✓ Весна Кочова - 7/3 одделение
- ✓ Елена Томевска - 7/4 одделение
- ✓ Ванчо Јовчев- 8/1 одделение
- ✓ Билјана Стојановска - 8/2 одделение
- ✓ Томислав Спасовски - 8/3 одделение
- ✓ Бојана Личева- 8/4 одделение
- ✓ Маја Б.Величковска - 9/1 одделение
- ✓ Катерина Лукарова - 9/2 одделение
- ✓ Ивица Петрушевски - 9/3 одделение
- ✓ Елена Малинова - 9/4 одделение

⇨ **Поделба на часови**

Одделенска настава

Р. Бр.	**Име и презиме**	**Предмет**	**Одделение во кое предава**	**Вкупен бр. на часови**
1.	Данче Костовка Јакимовска	Одделенска настава	**I-1**	**21**
2.	Лидија Ѓорѓиева	Одделенска настава	**I-2**	**21**
3.	Анета Менчова	Одделенска настава	**I-3**	**21**
4.	Весна Димитровска	Одделенска настава	**I-4**	**21**
5.	Катерина Димовска	Одделенска настава	**II-1**	**22**
6.	Билјана Јовчева	Одделенска настава	**II-2**	**22**

7.	Христина Петровска	Одделенска настава	**II-3**	**22**
8.	Весна Димовска	Одделенска настава	**II-4**	**22**
9.	Елизабета Ѓеоргиевска	Одделенска настава	**III-1**	**22**
10.	Ивана Видин Ивановска	Одделенска настава	**III-2**	**22**
11.	Емилија Блажевска	Одделенска настава	**III-3**	**22**
12.	Весна Стојковска	Одделенска настава	**III-4**	**22**
13.	Даниела Торковска	Одделенска настава	**IV-1**	**25**
14.	Елизабета Ордева	Одделенска настава	**IV-2**	**25**
15.	Виолета Стоилевска	Одделенска настава	**IV-3**	**25**
16.	Стефани Тоневска	Одделенска настава	**IV-4**	**25**
17.	Ивана Илиевска	Одделенска настава	**V-1**	**26**
18.	Даниела Салтирова	Одделенска настава	**V-2**	**26**
19.	Вилдана Суљовиќ	Одделенска настава	**V-3**	**26**
20.	Светланка Пешовска	Одделенска настава	**V-4**	**26**
21.	Минела Фуљанин	Англиски јазик	**III^{1,2,3,4} IV^{2,4}**	**14+6=20**
22.	Јосиф Шапкалиев	Англиски јазик	**I^{1,2,3,4} IV^{1,3}**	**14/6-20**
23.	Андријана Недевска	Англиски јазик	**II^{1,2,3,4} V^{1,2,3,4}**	**20**
24	Томислав Спасовски	Физичко и здравствено образование	**II^{1,2,3,4} III^{1,2,3} IV^{2}**	**24**
25	Филип Петровски	Физичко и здравствено образование	**I^{1,2,3,4} IV^{2,3} V^{3,4}**	**21**
26	Јовица Димевски	Физичко и здравствено образование	**III^{4} IV^{1,2} V^{1,2}**	**15+6=21**
27	Јованка Грујовска	Продолжен престој	**I-III**	**20**
28	Славица Алексиќ	Продолжен престој	**I-III**	**20**

Предметна настава

Р.Бр	Име и презиме	Предмет	Одделение во кое предава	Вкупен бр. на часови
1.	Елена Малинова	Македонски јазик	**VII[1,2] IX [1,3,4]**	**20+1=21**
2.	Марија Шереметкоска	Македонски јазик	**VII[3] VIII[1,2,3,4]**	**20**
3.	Катица Сточевска	Македонски јазик	**VI [1,2,3,4] VIII[4]**	**20+1=21**
4.	Милена Пауновска	Македонски јазик	**VII[4]**	**4**
5.	Лиле Сарваноска	Математика	**VI [1,2,3,4] IX [1,]**	**24+1=25**
6.	Јулија Атанасова	Математика	**VII[3,4] VIII[3] IX [2,4]**	**20+1=21**
7.	Билјана Стојановска	Математика	**VII [1,2] VIII[1,2,4]**	**20+1=21**
8.	Александра Стојчевска	Физика Математика	**VII, VIII, IX IX [3]**	**24**
9.	Марина Пејковска	Техничко образование и информатика Информатика Проекти по информатика	**VI [1,2,3,4] VII [1,2,3,4] IX [1,2,3,4]**	**24+1=25**
10.	Весна Кочова	Англиски јазик	**VII [1,2,3] VIII [1,2,3,4]**	**21+1=22**
11.	Катерина Лукарова	Англиски јазик	**VI [1,2,3] IX [1]**	**21+1=22**
12.	Минела Фуљанин	Англиски јазик	**VI[4], VII [4]**	**14+6=20**
13.	Анета Митевска	Француски јазик Слободен изборен EMIS/ESARU	**VI [1,2], VIII[1,2,3,4] VII[1,2,3,4]**	**12+6+2=20**
14.	Наташа Апостолова	Француски јазик	**VI[1,2,3,4] VIII[3] IX [1,2,3,4]**	**20**
15.	Елена Томевска	Хемија	**VII [1,2,3,4] VIII [1,2,3,4]**	**20+1=21**
16.	Биљана Тодоровска	Иновации	**IX[1,2,3,4]**	**16+4=20**
17.	Бојана М. Личева	Природни науки Биологија	**V,VI[3,4] IX [1,2,3,4]**	**22+1=23**
18.	Душанка Китановска	Природни науки Биологија	**VI [1,2] VII [1,2,3,4] VIII [1,2,3,4]**	**22**
19.	Роза Јаневска	Историја и општество Историја	**VII [1,2,3,4] VIII [1,2,3,4]**	**20+1=21**

		Граѓанско образование	**VIII** **1,2,3,4**	
20.	Магдалена Павлеска	Историја и општество Историја Граѓанско образование	**VI** **1,2,3,4** **IX** **1,2,3,4** **IX** **1,2,3,4**	**20+1=21**
21.	Маја Б.Величковска	Географија	**VI**[1,2,3,4] **VII**[1] **VIII** **1,2,3,4** **IX** **1,2,3,4**	**22+1=23**
22.	Јорданчо Тодосиев	Физичко и здравствено образование	**VII** **1,2,3,4** **VIII**[2,3,4]	**21**
23.	Ивица Петрушевски	Физичко и здравствено образование	**VI** **1,3,4** **IX** **1,2,3,4**	**21+1=22**
24.	Јовица Димески	Физичко и здравствено образование	**III,IV,V** **VI**[2] **VIII**[1]	**6+15+1=22**
25.	Ванчо Јовчев	Музичко образование Хор Оркестар	**VI, VII,VIII,IX** **3** **3**	**22+1=23**
26.	Марија Н.Наневска	Ликовно образование	**VI,VII,VIII,IX** **VII**[1,2,3,4]	**16+4+2=22**
27.	Фросина Јанакиевска	Техничко образование и информатика Слободен изборен предмет	**V** **1,2,3,4** **VIII**[1,2,3,4]	**8/+12** **20**
28.	Валентина Николовска	Класична култура/Мултикултурни работилници	**VI**[1,2,3,4]	**4**
29.	Даниела Ристеска	Етика во религии Мултикултурни работилници	**VI**[1,2,3,4]	**4**
30.	Радица Ц.Петковска	Граѓанско образование Слободен изборен предмет	**VII** **1,2,3,4** **VIII**[1,2,3,4] **VII**[3,4]	**4+4+2=10**
31.		Географија	**VII**[2,3,4]	**6**

8.3. Работа во смени

Работното време на училиштето започнува во 06:00 часот и трае до 22:00 часот. За реализација на наставните денови училиштето ќе работи во две смени, наставните часови се со времетраење од 40 минути. Наставата во прва смена ќе се одвива од 07.30 часот до 13.35 часот додека во втора смена од 13.00 часот до 18.20 часот. Работното време за администрација и стручната служба започнува во 07.30 часот до 15.30 часот, а за техничкиот персонал од 06.00 часот до 21.00 часот. Работното време на чуварот е до 22.00 часот.

Распоред во смени даден во **Прилог 13.**

8.4. Јазик на кој се изведува наставата

ООУ „Дане Крапчев“ – Скопје, е еднојазично училиште и наставата се изведува на македонски јазик.

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски јазик**	**Босански јазик**
Број на паралелки	36	/	/	/	/
Број на ученици	730	/	/	/	/
Број на наставници	54	/	/	/	/

8.5. Проширена програма

Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација. Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот, односно старателот.

По претходно добиена согласност од Министерството во ООУ „Дане Крапчев“- Скопје се организира продолжен престој за учениците од прво до трето одделение може да организира продолжен престој со учениците од иста паралелка, од исто одделение или од различни одделенија. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот/старателот. За време на продолжениот престој вклучени се ученици од различни паралелки и одделенија и истите учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со Годишната програма за работа на училиштето исогласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од

различни паралелки и одделенија, утврдени од министерот, на предлог на Бирото.

I одделение

Реден број	Ден	Наставници
1	Понеделник	Катерина Димовска
2	Вторник	Билјана Јовчева
3	Среда	Христина Петровска
4	Четврток	Весна Димовска
5	Петок	Катерина Димовска

II одделение

Реден број	Ден	Наставници
1	Понеделник	Елизабета Георгиевска
2	Вторник	Елизабета Ордева
3	Среда	Весна Стојковска
4	Четврток	Емилија Блажевска
5	Петок	Душанка Китановска

III одделение

Реден број	Ден	Наставници
1	Понеделник	Даниела Торковска
2	Вторник	Елизабета Ордева
3	Среда	Виолета Стоилевска
4	Четврток	Стефани Тоневска
5	Петок	Душанка Китановска

Активности

Проширена програма за заштита и прифаќање пред и по часовите за редовна настава во учебната 2025/26 година

Ред. Бр.	Цели	Содржини и активности	Учесници	Време на реализација
1	❖ Учениците да се запознаат со наставникот кој го води дневниот престој и учениците од другите одделенија; ❖ Да се запознаат со училницата каде ќе престојуваат, мебелот во неа, дидактичкиот материјал, игровно актив-ните катчиња и дворот; ❖ Учениците да се социјализираат во воспитно–образовната група; ❖ Да се развијат културно-хигиенски навики;	**УЧИЛИШТЕТО МОЈОТ ВТОР ДОМ** - Прифаќање на учениците иформирање на групите; - Меѓусебно запознавање; -Запознавање со училницата/занималната Каде престојуваат децата, -Запознавање со мебелот и дидактичкиот материјал; - Запознавање иименување наприорот за работа - Запознавање со игровно-активникатчиња; - Одржување хигиена на приборот,лична и општа хигиена воучилницата; - Запознавање соучилишниот двор;	**Ученици I, II и IIIодд.**	**I и II недела Септември**
2	❖ Учениците да се навикнуваат загрупна работа како за учење и пишување така и за играње со играчки; ❖ Самостоен интерес кон работниот материјал и развивање на работни навики;	- Изработка на дополнителни задолженија; - Воведување во музичките игри иактивности; - Воведување во ликовното изразување (црта, бои, слика);	**Ученици I, II и III одд.**	**III и IVнедела Септември**
	❖ Воведување во раб. активности; ❖ Негување на одговорност во	**ЗЛАТНА ЕСЕН** - Метереолошки промени и појави;	**Ученици**	**Октомври**

3	❖ извршувањето на активностите; ❖ Собирање на природен материјал од природата; ❖ Поттикнување на учениците за ❖ самостојно опишување и раскажување; ❖ Поттикнување на интерес за ❖ сликовници, детски списанија идруг печатен материјал; ❖ Класифицирање на опредеен ❖ дидактички и природен материјал; ❖ Самостојни творења во областа наликовното воспитување; ❖ Учениците слободно да пеат; ❖ Да развијат движења на музика; ❖ Слободно трчање, одење со брзо и бавно темпо; ❖ Развивање навики за вежбање; ❖ Учениците да совладаат одредени информации (редица по еден, по двајца; колона по еден, по два); ❖ Вежби за развивање на основни ❖ движења; ❖ Развивање на одредена група на ❖ мускули на телото(рацете, главата, нозете); ❖ Самопочитување, самодоверба;	- Боите и мирисите на есента; - Опишување и именување на овошни и зеленчукови плодови; - Цртање, боење, сечење со Ножичи (есенски плодови); - Истакнување во училницата; - Подготвување на зимница; - Разговарање со учениците во врска со активностите кои ги извршуваме во есен; - Како се подготвуваме за зима; - Преселни птици (именување, цртање, боење,сечење со ножичи иистакнување во училницата); - Шумски животни (именување, цртање, боење, сечење со ножички и истакнување во училницата); - Истражувачки активности настанување дожд,магла,слана; - Календар на времето (сонце, дожд, ветар, магла,слана); - Разговараме, опишуваме, рецитираме и раскажуваме за есента; - Пееме и играме (пеење песни за есента); - Подвижни игри и прошетки;	**I, II и IIIодд.**	
	❖Разговор за развивање на културно–хигиенски навики кај учениците во родителскиот дом; ❖Да се формираат навики за културно однесување меѓу учениците	**СЕМЕЈСТВО** - Мојот дом; - Потесно семејство; - Работа на родителите, возрасните професии;	**Ученици I, II и IIIодд.**	**Ноември**

4	Во групата, културно однесување кон возрасните и наставниците; ❖Културно да се поставуваат прашања и внимателно да се чекаат одговорите, да не се прекинуваат другите разговори; ❖Културно да прашуваат и одговараат; ❖Развивање на реална слика за себеи за другарчињата; ❖Формирање на задоволно и среќно дете во групата и во родителскиот дом, дете кое ќе биде исполнето со оптимизам и самодоверба во групата и родителскиот дом; ❖Децата да се навикнуваат сами да мијат раце и да ги одржуваат личните предмети чисти, да учествуваат во уредувањето на домот и поставувањето на масата; ❖Негување на одговорнст при извршувањето на работата,работните способности; ❖Да прават разлика на просториите во домот (куќа-стан) ❖Да се запознаат со своето потесно и пошироко семејство, роднини, ❖соседи и пријатели; ❖Да го сакаат, чуваат и да се грижатза својот дом;	- Пошироко семејство-семјно стебло (роднини, пријатели); - Каде живеам; - Адреса на мојот дом - Простории во домот; - Мебел и апарати во домот; - Прослава во мојот дом, поставување на маса; - Соседи; - Цртање, сликање, колаж, обликување; - Макета на куќа; - Истакнување во училницата; - Подвижни игри,одење; - Слушање музика; -Изработка на детски музички инструменти; - Фрлање, туркање, влечење во група, поединечно, со и без правила; - Разговор по слики; - Приказни, стихотворби;		

	❖Да стекнат сознанија за работата народителите во домот и надвор од него, професии;			
5	❖Развивање навики за соблекување, облекување, закопчување, ставање шалче, капа и нараквици ❖Проширување и продлабочување ❖на знаењето за промените во природата и да се насочуваат во откривањето на елементарните законитости ❖Проширување на знаењата за ❖Листопадни и зимзелени дрвја,нивни карактеристики (зошто се користат дрвјата, да не се оштетуваат, да се садат идр.) ❖Припрема за зима(огрев,зимница) ❖Проширување на знаењата за зимата и нејзините карактерист. ❖Проширување на знаењата за болестите (настинките) и како да се заштитиме и лекуваме ❖Подготовки за Нова година ❖Опишување на Дедо Мраз и неговата улога ❖Ориентација во времето (години, месеци, недели, денови, часови) ❖Негување,збогатување,култивирање на правилен, изразен говор ❖Поттикнување на мисловно- говорно творештво	**ПРИРОДНИ И ВРЕМЕНСКИ ПРОМЕНИ И ПОЈАВИ ВО ЗИМА** - Метеоролошки промени во годишно време зима - Ладно време.топла облека - Цртање, боење, сечење со ножичи и истакнување на изработките во училницата (топла облека, листопадни и зимзелени дрвја) - Грејни тела-разговорање - Здраво тело – здрав дух - Како се разболуваме? - Како се лекуваме? -Нашата елка -Украсување на училницата -Изработка на новогодишни украси -Изработка на новогодишна Честитка -Моите чувства	**Ученици I, II и III одд.**	**Декември**

	❖Вежбање на способноста за кажување напамет (меморирање) на песнички и гатанки ❖Збогатување на активниот речник на децата ❖Запознавање со уметничка литература преку сценски изведби и драматизации ❖Да се негува смислата за креативност и естетско проценување ❖Да се развиваат техниките на сликање, моделирање, цртање и колаж техника ❖Да се стимулира слободно моделирање, обликување ❖Присликањето да се развиваат умеењата за внимателност, педантност и самостојност ❖Да се развива вокална техника, ❖Да се побудува и развива чувство за убавото во музиката ❖Да се вежба движењето по такт ❖Хармонично развивање на целокупното тело ❖Продолжување со културно хигиенските навики кај ученицитево училиштето и во домот ❖Развивање навики за соблекување, облекување,закопчување, ставање шалче, капа и нараквици ❖Проширување и продлабочување на знаењето за промените во природата	-Припреми за Нова година -Пеење песнички -Дедо Мраз -Дочек на Новата година -Чувство љубов, радост, среќа		

	и да се насочуваат во откривањето на елементарните законитости во неа ❖Запознавање со уметничка литература преку сценски изведби и драматизации ❖Да се негува смислата за креативност и естетскопроценување ❖Да се развиваат техниките на сликање, моделирање, цртање и колаж техника			
6	❖ Проширување на знаењето за работата на луѓето-возрасните,специфичноста на одредени професии- занимања, занаети ❖ Запознавање со разновиден прибор, алати, апарати при работење.	- Запознавање на разни професии - Запознавање на разни занаети	**Ученици I, II и III одд.**	**III – IV недела Јануари**
7	❖ Развивање способности самостојно да поставуваат прашања ❖ Учениците да ги прошират своите знаења за домашните животни и птици и домашни миленичиња. ❖ Учениците да ги прошират своите знаења за дивите животнии птици. ❖ Да ги прошират знаењата за тоа каде живеат и со што се хранат животните, нивните карактеристики. ❖ Да ги прошират знаењата за користа и штетата која ја имаме од животните	**ДОМАШНИ ЖИВОТНИ** - Цртање, боење, сечење со ножички, истакнување во училницата, споредување и опишување. **ДОМАШНИ ПТИЦИ** - Цртање, боење, сечење со ножички, истакнување во училницата, споредување и опишување. **ШУМСКИ ЖИВОТНИ** - Цртање, боење, сечење со	**Ученици I, II и III одд.**	**Февруари**

	❖ Збогатување, негување,култивирање на правилен изразен говор ❖ Развивање љубов кон литературни творби ❖ Учениците да можат да ги опишуваат животните. ❖ Учениците да ги развиваат техниките на сликање,моделирање, цртањето и колаж техниката(пластелин, тесто). ❖ Да се оспособат учениците да движат по такт на музика,односно имитација на животните ❖ во движењето и гласовите споредпотребите на учениците. ❖ Скокање преку ниски препреки,во далечина и скокање во цел.	ножички, истакнување во училницата, споредување и опишување. - Користа и штетата од сите животни Албум од: - домашни животни - домашни птици - шумски животни и птици - животни во зоолошка градина -Разговараме, опишуваме, читаме		
8	❖ Проширување на знаењата на учениците за просторните ивременските односи, ориентација за време и простор, ден, ноќ, час ❖ Повторување на детските искуства за промените во околината,утро, пладне,вечер ❖ Знаења и претстави поврзани со временските димензии, ден, месец,година и временска терминологија ❖ Развивање на самостојни активности во однос на одредено	**ОРИЕНТАЦИЈА ВО ВРЕМЕ** -Како се поздравуваме - Часовник-мерач на времето - Чичко часовничар - Природна светлина – Сонце - Вештачка светлина - Месечина, ноќ, ѕвезди (патувањена месечината) - Денови во неделата - Месеци во годината - Четири годишни времиња - Природни звуци - Вештачки звуци	**Ученици I, II и IIIодд.**	**I, II, III недела Март**

	време во текотна: денот, неделата, месецот, годината ❖ Артикулација и дискриминација ❖ Користење на разни текстови,драматизации, приказни, песни,литературни творби со правилен изрази логичен говор			
9	❖ Проширување на знаењата за метеоролошките промени и појави во пролет(календар на времето) ❖ Запознавање со работата на луѓето во цветна,овошна и зеленчукова градина, во полето и во шумата ❖ Проширување на знаењата за цветна градина,овошна градина делови на цветот. Запознавање со обележјата на зеленчуковата градина ❖ Ливади и инсекти ❖ Со пеење песни да се запознаваат со промените во природата ❖ Слушање музика од детски музички фестивали и познати музичари и имитирање на гласовите на птиците и инсектите ❖ Продолжување со научно-истражувачките активности за бои,цветови,виножито,мирис,вкус,хербариум,инсектариум ❖ Продолжување со културно-хигиенските навики во училиштето и домот	**ПРИРОДАТА СЕ БУДИ ПРОЛЕТ** -Метеоролошки промени и појавиво пролет (календар на времето) - Работа на луѓето во пролет (цветна, овошна, зеленчуко-ва градина и полето) -Весници на пролетта -Будење на растенијата иживотните - Пролетни мириси и бои	**Ученици I, II и IIIодд.**	**IVнедела Март**

	❖ Развивање на чувство за убаво,музика,за игра и ритам ❖ Збогатување на детската фантазија со нови идеи за светот околу нас			
10	❖ Да се оспособат учениците за побезбедно движење ориентирање на патот и околината ❖ Да се навикнат на културно однесување во сообраќајот сообраќајна култура) ❖ Да се запознаат со поедини сообраќајни знаци, проширувањена знаењата за семафорот и улицата, просторот, крстосница,коловозот,пешачки премин) ❖ Запознавање со сообраќајни правила ❖ Проширување на знаењата за автобуска, железничка станица,чекална, билетарница, перон,пристаниште, аеродром ❖ Запознавање со работата на возачот-шофер, машиновозач,пилот, капетан ❖ Запознавање со звучната и светлосната сигнализација ❖ Збогатување на активниот речник со глаголи	**СООБРАЌАЈ** - Раскрсница - Семафор - Сообраќајно воспитание - Сообраќајни средства(по копно, вода, воздух) - Сообраќајни детски средства - Звучни и светлосни сигнали - Сообраќајни знаци - Детето како учесник во сообраќајот **Еколошки содржини** 1. Да се запре загадувањето 2. Возилата да се движат на друг погон	**Ученици I, II и IIIодд.**	**Мај**
11	❖ Проширување на знаењата за	**ДОБРЕДОЈДЕ ЛЕТО** - Метеоролошки појави и	**Ученици I, II и IIIодд.**	**Јуни**

	❖ годишното време лето, појавите и промените во него (календар навремето) ❖ Збогатување на активниот речник со именки, придавки,глаголи ❖ Учениците самостојно да ги именуваат, опишуваат првите летни плодови(цреша, јагода) ❖ Самостојно да раскажуваат каде биле на одмор минатите лета и затоа каде планираат да одат наодмор ова лето	промени во време годишното лето - Првите овошни плодови (цреша и јагода) - Летото во мојот крај-езеро, море - Патувам низ мојот крај (природни убавини)		

Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одделение

Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одд. пред почетокот на часовите. Цел на програмата за продолжен престој на учениците е тие да бидат згрижени пред почетокот на редовната настава. Наставниците планираат активности со цел времето да биде рационално искористено и учениците да се стекнат со некои работни навики.		**Програма за продолжен престој на учениците од прво, второ и трето одд. по завршувањето на часовите Цел на програмата за продолжен престој на учениците е тие да бидат згрижени по завршувањето на редовната настава. Наставниците планираат активности со цел времето да биде рационално искористено и учениците да се стекнат со некои работни навики.**	
Активност	**Време**	**Активност**	**Време**
Подготовка на училишниот прибор	Тековно	Средување на наставните помагала употребени на часовите	Тековно
Бришење на таблата		Средување на паноата со изработки	
Подготовка на наставни средства		Местење на клупите и столчињата	
Полевање на цвеќињата		Бришење на таблата	
Средување на папките		Средување на училишниот прибор	
Средување на училишната библиотека		Изработка на креации за во училницата	
Средување на катчињата во училницата		Разговор со другарчето за тековните активности	
Средување на ЦД		Игри за опуштање/Слушање на музика Разгледување на сликовници и детски романи Цртање по сопствен избор Играње на социјални игри	
Активност по желба на ученикот (читање, цртање, слушање музика, играње логички или социјални игри..)	По потреба		

⇨ ***<u>Училишен тим за продолжен престој на ученици:</u>***

1. **Јованка Груевска-одделенски наставник**
2. **Елизабета Ордева-одделенски наставник**
3. **Лидија Ѓеорѓиева-одделенски наставник**
4. **Славица Алексич-одделенски наставник**

8.6. Комбинирани паралелки

Во ООУ„Дане Крапчев“- Маџари, Скопје нема комбинирани паралелки.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Р.бр	Странски јазик	Парелелка во која се изучува	Број на ученици кои го изучуваат
1.	Англиски јазик	од I до IX	730
2.	Француски јазик	VI, VII, VIII и IX	352

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Р. бр	Одделение	Име и презиме на тандем наставници
1.	I/1	Данче К. Јакимовска / Филип Петровски
2.	I/2	Лидија Ѓорѓиева / Филип Петровски
3.	I/3	Анета Менчова / Филип Петровски
4.	I/4	Весна Димитровска / Филип Петровски
5.	II/1	Катерина Димовска / Филип Петровски
6.	II/2	Билјана Јовчева / Томислав Спасовски
7.	II/3	Христина Петровска / Томислав Спасовски
8.	II/4	Весна Димовска / Томислав Спасовски
9.	III/1	Елизабета Георгиевска / Томислав Спасовски
10.	III/2	Ивана В. Ивановска / Томислав Спасовски
11.	III/3	Емилија Блажевска / Томислав Спасовски
12.	III/4	Весна Стојковска / Јовица Димески
13.	IV/1	Даниела Торковска/ Јовица Димески
14.	IV/2	Елизабета Ордева/ Јовица Димески
15.	IV/3	Виолета Стоилевска/ Филип Петровски
16.	IV/4	Стефани Тоневска/ Филип Петровски
17.	V/1	Ивана Илиевска / Јовица Димески
18.	V/2	Даниела Салтирова / Јовица Димески
19.	V/3	Вилдана Суљовиќ / Филип Петровски
20.	V/4	Светланка Пешовска / Филип Петровски

8.9. Изборна настава

Врз основа на Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование издадена од МОН и БРО и Водичот за слободни изборни предмети во основно образование издаден од БРО, ООУ „Дане Крапчев“- Скопје на учениците ќе им биде понудена предлог листа од изборни предмети за учебната 2025/2026 година.

На почетокот од септември 2025 година, учениците од вториот период IV-VI одделение и од третиот период VII-VIII одделение, со поддршка на родителот/старателот, од листата на слободни изборни предмети треба да ги избере предметите што ќе ги изучува во тековната учебна година (еден за првото и друг за второто полугодие). Изборот го прави на тој начин што заокружува предмети од различни категории.

Доколку нема доволен број заинтересирани ученици за формирање група за предметите кои се избрани или пак доколку училиштето не може да обезбеди соодветни просторни услови за реализација на конкретен изборен предмет ќе треба ученикот повторно да избере нов предмет од понудените предмети.

Напомена: Предметите што ученикот ќе ги избере за тековната учебна година мора да бидат од различни категории. Исто така, во текот на еден образовен период, ученикот не може два пати да избере ист предмет, освен ако не се работи за предмет од иста област кои се на различно ниво.

За учебната 2025/2026 година на учениците ќе им бидат понудени преку анкета следниве предмети Училиштето ги нуди следните слободни изборни предмети според категориите.

За учениците од вториот период од IV- VI одделение се следните изборни предмети по категории:

⇨ Категорија: Изборни предмети за проширување и продлабочување на знаењата

1. Креативно творештво;
3. Математички игри;
4. Учење народни музички иструменти преку игра;
5. Етика на религии;
6. Класична култура;

⇨ Категорија: Изборни предмети за подршка на интересите на учениците

1. Пчелите и нивната улога во зачувување на природата
2. Фигури од хартија
3. Дизајн
4. Театарски, уметност на емоции;

⇨ Категорија: Изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој

1. Игри за разрешување конфликти;

2. Јас и околината- заштита на животната средина;
3. Мултикултурни работилници;
4. Емоционална писменост;
5. Социо-емоционално учење;

⇨ Категорија: Спортско-рекреативни изборни предмети

1. Кошарка;
2. Фудбал;
3. Танц и народни ора;
4. Шах;
5. Пинг понг;

За учениците од третиот период од VII-VIII одделение се следните изборни предмети по категории:

⇨ Категорија: Изборни предмети за проширување и продлабочување на знаењата

1. Истражување на родниот крај
2. Слика за своето тело;
3. Класична култура 2;
4. Воведување на историјата на ликовната уметност и ликовен јазик;
5. Жените низ историјата;

⇨ Категорија: Изборни предмети за подршка на интересите на учениците

1. Нашата татковина;
2. Готвење;
3. Извидништво;
4. Пчелите и нивната улога во зачувување на природата;
5. Фигури од хартија;

⇨ Категорија: Изборни предмети за подршка на личниот и социјалниот развој

1. Јас и околината- заштита на животната средина;
2. Етика и морал;
3. Емоционална писменост;
4. Социо-емоционално учење;
5. Морал и етички вредности;

⇨ Категорија: Спортско-рекреативни изборни предмети

1. Кошарка;
2. Фудбал;
3. Одбојка;
4. Шах;
5. Пинг-понг;

На крајот на учебната 2024/2025 година на учениците од IX одделение им беа понудени изборни предмети за учебната 2025/2026 година. Врз основа на спроведените анкети со родителите и учениците изборните предмети кои ќе се изучуваат во учебната 2025/2026 година се:

Р.бр	Изборен предмет	Одделение во кое се изучува изборниот предмет	Име и презиме на наставник кој го предава предметот
1.	Проекти од информатика	IX	Марина Пејковска

⇨ ***Процедура за одредување на застапени изборни предмети***

Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети за седмо,осмо и деветто одделение , додека за одделенска настава и шесто одделение е во согласно со Водичот за слободни изборни предмети според новата Концепција за основно образование. Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување за изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика.

➢ **Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување на изборни предмети и изборот го спроведува според однапред одредена процедура:**

- ⇨ Прибирање на податоци за понудени изборни предмети од наставните планови и програми за деветгодишно основно образование;
- ⇨ Подготвување на анкетни листови за ученици и родители од страна на стручната служба;
- ⇨ Одржување на родителска средба на која ќе се презентира програмата за понудените изборни предмети;
- ⇨ Спроведување на анкета кај родителите;
- ⇨ Обработка на податоците од спроведената анкета;
- ⇨ Презентирање на обработените податоци пред Наставничкиот совет;
- ⇨ Информирање на учениците и родителите за застапените изборни предмети.

8.10. Дополнителна настава

Врз основа на член 2, став 3 од Правилникот за организација и начин на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта, училиштето изготвува распоред на месечно ниво за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. Организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава ги уредува Министерот, по предлог на Бирото.

Дополнителна настава се организира за оние ученици кои од одредени причини заостануваат во совладување на наставниот материјали или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава, а со цел да ги совладаат наставните содржини предвидени за нивната возраст со

плановите и програмите. Во текот на целиот воспитно-образовен процес на учениците кои покажуваат послаби резултати им се даваат приспособени форми на помош во совладување на воспитно - образовните содржини. Стручната служба активно учествува во реализацијата на дополнителната настава со цел да се детектираат причините за послабиот успех кај секој ученик поединечно, од што произлегуваат најсоодветни постапки за корекција на послабиот успех како негативност. За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на точна и навремена дијагноза за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и друго. За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава, одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата.Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. За секој ученик кој ќе следи допоонителна настава претходно се обезбедува согласоснт од страна на родителот за истата. Дополнителната настава за учениците во прво и четврто одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати (во случај на поголем број ученици со иста потреба) или по петте задолжителни саати (доколку се работи за мал број ученици – индивидуализиран пристап во планирањето). Реализацијата на дополнителната настава за учениците од прво и четврто одделение, наставникот ја планира во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на други активности, а ги евидентира во електронскиот дневник само активностите што ги презема и со која цел.

Годишната програма и распоредот за дополнителна настава се дадени во **Прилог 14.**

8.11.Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и пројавуваат особена надареност и талентираност во одредени наставни предмети. Додатната настава ќе ја организира самиот наставник во зависност од сопствените согледувања за работата и талентот на учениците. Учениците се подготвуваат за натпревари, со што училиштето пошироко ги презентира своите воспитно - образовни потенцијали, а се овозможува афирмација на училиштето и учениците кои со својот труд и талент тоа го заслужуваат.

⇨**Додатната настава наставникот е должен да им ја понуди на:**

- ✓ Напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
- ✓ Ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма;
- ✓ Ученици што се пријавуваат за учество на натпревари;

Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот, односно старателот за посета на часови за додатна настава. Ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница. Додатна настава за учениците во прво и четврто одделение може да се реализира преку проектни и истражувачки активности, преку слободните изборни предмети, а додатни часови за подготовка за натпревар – по петте задолжителни саати на престој. Реализацијата на додатната настава за учениците од прво и четврто одделение, наставникот ја планира во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на други активности, а ги евидентира во електронскиот дневник само активностите што ги презема и со која цел.“

Годишната програма и распоредот за додатна настава се дадени во **Прилог 15.**

8.12.Работа со надарени и талентирани ученици

Во согласност со Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици донесена од Министерот по предлог на Бирото, се уредува препознавањето и идентификувањето на талентирани и надарени ученици, мерки и активности за работа. Секој наставник, освен часовите кои ги одржува во рамките на својот неделен фонд на часови, поминува додатни пет часа неделно во директна работа со ученици за да се реализираат дополнителната и додатната настава, работата со талентираните и надарените ученици, работата на секциите и воннаставните активности.

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во

областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.

⇨ **Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици:**

Категоријата на надарени и талентирани деца бара повеќе персонализација, повеќе внимание со цел да се развијат нивните вештини способности и на овие ученици им се приоѓа поорганизирано и од повеќе аспекти.

На надарените и талентирани ученициим се нудат некои од флексибилно водените образовни опции, како што се:

- ✓ *Порано запишување во училиште;*
- ✓ *Акцелерација на учебни години;*
- ✓ *Работа по напредни наставни програми;*
- ✓ *Овозможен континуиран напредок во нивните редовни паралелки;*
- ✓ *Паралелно запишување во повисоки одделенија или напредни паралелки;*
- ✓ *Полагање на испити;*

За работа со надарени и талентирани ученици се подготвува индивидуализирана програма за работа во училиштето, со која е испланиран развојот на ваквиот ученик и неговото напредување во учењето, земајќи ги во предвид психолошкиот и педагошкиот аспект. Откако ученикот ќе биде препознаен како надарено или талентирано дете, следува процесот на идентификација, односно мерење на степенот на таа надареност од страна на педагошката служба, за што постојат посебни протоколи. Целиот процес се одвива во соработка со родителот, односно старателот на ученикот.

Стручната служба во ООУ„ Дане Крапчев“- Скопје ја следи надареноста на учениците во следниве области:

- ✓ *Јазично изразување: усно јазично изразување, писмено јазично изразување,комбинирано јазично изразување;*
- ✓ *Математика;*
- ✓ *Ликовна уметност;*
- ✓ *Музичка уметност;*
- ✓ *Спортски активности;*
- ✓ *Рачна работа;*
- ✓ *Комуникации;*
- ✓ *Лидерство;*
- ✓ *Разбирање на апстракни односи;*
- ✓ *Разбирање на природни појави;*

Глобални цели кои треба да се имаат предвид при работата со надарени и талентирани ученици, се следниве:

- ✓ *Развивање на способностите на ученикот;*
- ✓ *Да им се овозможат на надарените и талентираните ученици поголеми можности за напредување и развој.*
- ✓ *Унапредување на постигањата на надарените ученици;*
- ✓ *Учество на натпревари и промоција на ученикот;*
- ✓ *Правилен психо-физички развој на личноста на надаренио ученик.*

Годишната програма за работа со надарени и талентирани ученици е дадена во **Прилог 16.**

8.13.Работа со ученици со посебни образовни потреби

Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Тоа подразбира промени и прилагодување на наставните содржини, пристапот, структурите и стратегиите за учениците со посебни образовни потреби. Инклузијата се дефинира со Концепцијата за инклузивно образование и Законот за основно образование. Преку процесот на целосна инклузија во општеството се овозможува вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовните училишта, одговор на различните потреби на учениците од страна на редовните училишта, создавање на средина за учење што ги вклучува сите подеднакво, и унапредување на компетенциите на наставниот кадар за да се постигнат овие приоритети. Понатаму, инклузијата во поширока смисла подразбира зголемување на свеста на општеството за потребите на децата со посебни потреби преку електронските и печатените медиуми, промовирање на инклузивната практика во локалните заедници, создавање на најсоодветен инклузивен модел, зацврстување на механизми и мрежа за стручна помош (установи за рехабилитација, ресурсни центри и центри за поддршка, факултети што едуцираат воспитно образовен кадар, стручни институции и здруженија), организирање на методички работилници за планирање, следење и вреднување на воспитно образовната работа, следење на светските искуства и инклинирање кон истите.

Во училиштето, за инклузија на учениците со посебни образовни потреби се изготвуваат годишен (долгорочен), тематски (среднорочен) и дневен (краткорочен) индивидуален образовен план за оние ученици кои не можат да ги постигнат целите согласно наставниот план и програма за соодветното одделение. За учениците со комплексни потешкотии се изработува и реализира модифицирана програма. За учениците со надминатa возраст кои претходно не посетувале настава, се изготвува план за работа согласно прилагодената програма од МОН. Училиштето има изготвено програма за инклузија на учениците со посебни образовни потреби. Првата цел на оваа програма се однесува на идентификација на учениците со ПОП и одговор на потребите на овие ученици во редовното образование. Понатаму, програмата опфаќа поддршка на учениците со ПОП и овозможување напредок во склад со нивните

можности и способности, надминување на стереотипите и предрасудите и развивање на позитивни ставови кон учениците со развојни потешкотии. Третата цел од програмата е наменета за следење на учениците со ПОП и подобрување на постигнувањата во редовното образование.

⇨ Училишен инклузивен тим

Формирањето на Училишен инклузивен тим е пропишано во Законот за основно образование. Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от/модифицирана програма, а по потреба и почесто се врши дополнување и нивна корекција. Во училиштето е формиран Училиштен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, и инклузивен тим за ученик, за учениците кои работат по индивидуален образовен план (ИОП) или модифицирана програма. Тие се меѓусебно поврзани на следниот начин: УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата, а инклузивните тимови за учениците (ИТУ) во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици, изготвувањето и реализирањето на нивните ИОП-и. Член на УИТ е и член на определен ИТУ или е одговорен за врската со конкретни ИТУ. Улогата на училишниот инклузивен тим е систематски да работи на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите на учениците со посебни образовни потреби во училиштето, што ќе им бидат познати на сите во училиштето.

Училишниот инклузивен тим е формиран со одлука на директор и е составен е од 7 члена: директор, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, одделенски наставник, предметен наставник и двајца родители. Истиот е со мандат од 3 учебни години. При запишување на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ. За секој ученик со ПОП кој работи по ИОП/модифицирана програма, формиран е инклузивен тим за ученик за период до завршување на основното образование на ученикот, истиот е составен од: наставниците кои му предаваат на ученикот, родителот/старателот, специјалниот едукатор и рехабилитатор и педагогот, а по потреба се вклучуваат и други лица од доверба на ученикот (образовен асистент, лекар и сл.).

Инклузивниот тим за ученик врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси. Во изработка и реализација на ИОП учествува инклузивниот тим за ученик согласно препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн. Кај учениците со комплексни потреби се работи по

модифицирана програма која се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи. Дел од модифицираната програма, овие ученици може да ја реализираат во основното училиште со ресурсен центар или во центар за поддршка на учењето согласно препораките на Стручното тело за функционална проценка. Кај учениците со ПОП кои имаат потешкотии во учењето или емоционални потешкотии но ги постигнуваат целите од наставниот план и програма се применува диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им се овозможи на учениците да учествуваат и можност да ги постигнат резултати од учењето. Учениците со надминатa возраст кои биле надвор од воспитно-образовниот систем, при нивно вклучување во редовната настава се распределуваат во одделение со ученици на приближна возраст и работат по прилагодена програма од конкретно одделение согласно последното приложено свидетелство или постигнатите знаења при тестирање со инструмент од БРО.

Годишната програма за работата на Училишниот инклузивен тим е дадена во **Прилог 17.**

⇨ ***Членови на училишен инклузивен тим при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Специјален едукатор и рехабилитатор**
3. **Весна Димитровска – одделенски наставник**
4. **Весна Кочова- предметен наставник**
5. **Тања Златановски – педагог**
6. **Родител/старател**
7. **Марија Цветков -родител**

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.**Даниела Торковска – одделенски наставник**
2.Андријана Недевска–предметен наставник
3.Филип Петровски - предметен наставник
4. Специјален едукатор и рехабилитатор
5.Тања Златановски - педагог
6.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Елизабета Ордева – одделенски наставник
2.Андријана Недевска–предметен наставник
3.Јовица Димески - предметен наставник
4. Специјален едукатор и рехабилитатор
5.Тања Златановски - педагог
6. Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Стефани Тоневска – одделенски наставник
2.Андријана Недевска–предметен наставник
3.Јовица Димески - предметен наставник
4. Специјален едукатор и рехабилитатор.
5.Тања Златановски - педагог
6.Родител/старател
7.Весна Николовска - образовен асистент

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Лидија Георгиева – одделенски наставник
2. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик
3.Јовица Димески - предметен наставник
4. Специјален едукатор и рехабилитатор
5.Тања Златановски - педагог
6.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Анета Менчова – одделенски наставник
2. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик
3.Јовица Димески - предметен наставник
4. Специјален едукатор и рехабилитатор
5.Тања Златановски - педагог
6.Родител/старател
7.Жаклина Цветковска - образовен асистент

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Весна Димитровска – одделенски наставник
2. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик
3.Јовица Димески - предметен наставник
4. Специјален едукатор и рехабилитатор
5.Тања Златановски - педагог
6.Родител/старател
7.Елена Благоевска - образовен асистент

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Катерина Димовска– одделенски наставник
2.Филип Петровски – предметен наставник

3.Весна Кочова – предметен наставник
4.Фросина Јанакиевска - предметен наставник
5. - предметен наставник ПН
6.Специјален едукатор и рехабилитатор
7.Тања Златановски - педагог
8.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Катерина Димовска – одделенски наставник
2.Филип Петровски – предметен наставник
3.Весна Кочова – предметен наставник
4.Фросина Јанакиевска - предметен наставник
5. Весна Кочова- предметен наставник англиски јазик
6.Специјален едукатор и рехабилитатор
7.Тања Златановски - педагог
8.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.**Христина Петровска – одделенски наставник**
2.Филип Петровски – предметен наставник
3.Весна Кочова – предметен наставник
4.Фросина Јанакиевска - предметен наставник
5. - предметен наставник ПН
6.Специјален едукатор и рехабилитатор
7. Тања Златановски - педагог
8.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Катерина Лукарова – класен раководител
2.Катица Стојчевска – предметен наставник
3.Душанка Китановска – предметен наставник
4.Јулија Атанасова– предметен наставник
5. Наташа Апостолова – предметен наставник
6.Маја Б.Величковска – предметен наставник
7.Марина Пејковска – предметен наставник
8.Магдалена Павлеска – предметен наставник
9.Фросина Јанакиевска – предметен наставник
10.Ванчо Јовчев – предметен наставник
11.Марија Н.Наневска – предметен наставник
12.Ивица Петрушевски– предметен наставник
13. Радица Цветковска - Петковска– предметен наставник
14. Специјален едукатор и рехабилитатор
15.Тања Златановски - педагог
16.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Катерина Лукарова – класен раководител
2.Катица Стојчевска – предметен наставник
3.Душанка Китановска – предметен наставник
4.Јулија Атанасова– предметен наставник
5. Наташа Апостолова – предметен наставник
6.Маја Б.Величковска – предметен наставник
7.Марина Пејковска – предметен наставник
8.Магдалена Павлеска – предметен наставник
9.Фросина Јанакиевска – предметен наставник
10.Ванчо Јовчев – предметен наставник
11.Марија Н.Наневска – предметен наставник
12.Ивица Петрушевски– предметен наставник
13.Радица Цветковска - Петковска– предметен наставник
14. Специјален едукатор и рехабилитатор
15.Тања Златановски - педагог
16.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Елена Малинова - класен раководител
2.Лиле Сарваноска – предметен наставник
3.Душанка Китановска – предметен наставник
4.Катерина Лукарова – предметен наставник
5.Наташа Апостолова – предметен наставник
6.Маја Б.Величковска – предметен наставник
7.Марина Пејковска – предметен наставник
8.Магдалена Павлеска – предметен наставник
9.Фросина Јанакиевска – предметен наставник
10.Ванчо Јовчев – предметен наставник
11.Марија Н.Наневска – предметен наставник
12.Ивица Петрушевски– предметен наставник
13.Радица Цветковска - Петковска– предметен наставник
14. Специјален едукатор и рехабилитатор
15.Тања Златановски - педагог
16.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Лиле Сарваноска - класен раководител
2.Катица Стојчевска – предметен наставник
3.Душанка Китановска – предметен наставник
4.Катерина Лукарова – предметен наставник
5. Наташа Апостолова – предметен наставник
6.Маја Б.Величковска – предметен наставник

7.Марина Пејковска – предметен наставник
8.Магдалена Павлеска – предметен наставник
9.Ивица Петрушевски– предметен наставник
10.Ванчо Јовчев – предметен наставник
11.Марија Н.Наневска – предметен наставник
12. предметен наставник
13. Специјален едукатор и рехабилитатор
14.Тања Златановски - педагог
15.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Магдалена Павлеска - класен раководител
2.Лиле Сарваноска – предметен наставник
3.Катица Стојчевска – предметен наставник
4.Душанка Китановска – предметен наставник
5.Катерина Лукарова – предметен наставник
6. Наташа Апостолова – предметен наставник
7.Маја Б.Величковска – предметен наставник
8.Марина Пејковска – предметен наставник
9.Ивица Петрушевски – предметен наставник
10.Ванчо Јовчев – предметен наставник
11.Марија Н.Наневска – предметен наставник
12. предметен наставник
13. Специјален едукатор и рехабилитатор
14.Тања Златановски - педагог
15.Родител/старател

⇨ ***Членови на инклузивниот тим за ученик при ООУ „Дане Крапчев“-Скопје:***

1.Весна Кочова - класен раководител
2.Милена М. Пауновска - предметен наставник
3.Александра Стојчевска - предметен наставник
4. предметен наставник
5. Наташа Апостолова - предметен наставник
6.Роза Јаневска - предметен наставник
7.Бојана М.Личева - предметен наставник
9.Ванчо Јовчев - предметен наставник
10.Марија Н.Наневска - предметен наставник
11.Елена Томевска - предметен наставник
12.Јорданчо Тодосиев - предметен наставник
13. Специјален едукатор и рехабилитатор
14.Тања Златановски - педагог
15.Родител/старател
16.Маја Караџоска - образовен асистент

⇨ **Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби:**

Со оглед на тоа што инклузивното образование ги зема предвид индивидуалните потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование,

Концепцијата за инклузивно образование ги дава насоките за вклучување, развој и образование на следните категории ученици со посебни образовни потреби:

- ✓ Ученици со попреченост - кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања (оштетен слух, вид, интелектуална попреченост, телесна попреченост) кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите;
- ✓ Ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето;
- ✓ Ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини;
- ✓ Ученици со комплексни потреби - кои имаат повеќестепени тешкотии, повеќестепени нарушувања, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и подршка;
- ✓ Деца/ученици со странско државјанство, деца без државјанство, деца бегалци, барателиа на азил, деца со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита, деца под привремена заштита кои престојуваат во нашата држава;
- ✓ Деца кои не биле вклучени во настава, а се со надминатa возраст;
- ✓ Деца/ученици од ранливи категории кои од различни причини бараат посебна поддршка и грижа во текот на воспитно-образовниот процес.

Наставата за учениците со ПОП во основното училиште се реализира во согласност со препораките на Стручното тело за функционална проценка (МКФ), според следните нивоа на поддршка во учењето:

⇨ ***Ниво I*** – општа поддршка, учењето се насочува кон индивидуализација и диференцијација на наставниот процес со примена на соодветни наставни методи и средства.

⇨ ***Ниво II*** - интензивирана поддршка според Индивидуален образовен план. Индивидуалниот образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето.

⇨ ***Ниво III*** - посебна поддршка според модифицирана наставна програма. Модифицираната наставна програма, наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период

на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи;

8.14.Туторска поддршка на учениците

Министерството обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Дополнителната поддршка ја реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува Министерот. Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер.

8.15. План на образовен медијатор

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загРозани семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори. Образовниот медијатор, презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до Министерството најдоцна до 15 септември во тековната учебна година. Образовните медијатори се ангажираат по пат на јавен повик, кој го објавува Министерството на интернет страницата, најдоцна до 1 октомври во тековната година. За изборот на образовни медијатори, министерот формира комисија составена од пет члена, од кои три члена се од редот на вработените во Министерството, еден претставник од Бирото и еден претставник од граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на Ромите.

Годишната програма за работата на образовниот медијатор е дадена во **Прилог 18.**

Акционен план за работа на образовен медијатор
Учбена 2025/2026 година

Реден број	Задача	Временска рамка	Очекувани резултати	Одговорно лице
1.	Соработка со родители Роми, нивна поддршка и мотивација за вклучување на нивните деца во образовен процес	Тековно	Стекнување соработка и доверба,мотивираност на родителите за вклучување на децата во образовниот процес	Образовен медијатор
2.	Работа на терен за идентификување наМнередовните ученици Роми	Ноември Јануари Април	Враќање на нередовните ученици вообразовниот процес	Образовен медијатор
3.	Евиденција за состојбата на учениците Роми	Септември Тековно	Надминување на одредени проблеми	Образовен медијатор
4.	Соработка со наставниците и стручно педагошката служба	Тековно	Прогрес на учениците во редовноста и успехот	Образовен медијатор
5.	Идентификување на ученици кои се повратници од странски земји	Септември Јуни	Враќање на учениците во образовниот процес	Образовен медијатор
6.	Организирање на редовни средби со родителите на учениците Роми	Месечно	Информираност и едукација на родителите	Образовен медијатор
7.	Упис на првачиња Роми	Мај Септември	Зголемување на опфатот на запишани ученици во прво одделение	Образовен медијатор
8.	Подигнување на свесноста на ромите за важноста на образованието	Тековно	Зголемена свесност кај ромското население за важноста на образованието	Образовен медијатор
9.	Намалување на осипот/откажувањето од воспитно-образовниот	Ноември Јануари, Април	Поголема вклученост на нередовните ученици во училишната настава	Образовен медијатор
10.	Јакнеење на самодовербата кај учениците за успешно образование	Ноември Февруари	Зголемена самодоверба и успех кај учениците Роми	Образовен медијатор

11.	Намалување на предрасудите, стереотипи, дискриминација, насилство и конфликти	Октомври Март	Намалена дискриминација, насилство и конфликти помеѓу учениците Роми и учениците од друга етничка припадност	Образовен медијатор
12.	Подготовка на месечни извештаи	Секој месец	Увид во сопствената работа	Образовен медијатор
13.	Евалуација од сопствената работа	Јуни	Увид во сопствената работа	Образовен медијатор

9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб - „**Училишен спортски клуб ДАНЕ КРАПЧЕВ 2014“** е формиран на 07.11.2014 година одговорен наставник е Филип Петровски- наставник по физичко и здравствено образование. На почетокот на учебната година на учениците им се нуди да го изберат спортот во кој сакаат да се натпреваруваат. Клубот ќе биде во функција на селекција и подготовка на учениците за натпреварите.

Во училишниот спорт превземени се голем број на активности кои ќе се реализираат во учебната 2025/26 година. Опфатени се голем број на ученици од училиштето кои ќе имаат можност да се натпреваруваат како на училишните така и на регионалните и градски натпреварувања. ООУ „Дане Крапчев”-Скопје активно учествува во сите планирани натпревари организирани од Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба.

Цели на училишниот спорт за оваа учебна година се преку понудата на разновидни спортови, да се зголеми масовноста, активноста и вклученоста на учениците во спортот преку училишните натпреварувања. Целта е да се насочат кон одреден спорт, социјализација и меѓуетничко почитување со учениците од други националности, фер – плеј однос, градење на натпреварувачки дух, формирање на цврста и здрава личност.

Сите активности во рамките на училишниот спорт се рализираат за да постигнат конкретни и општи цели.

⇨ **Конкретни цели кои треба да се постигнат:**

- ✓ *Да ги развива психомоторните димензии, брзина, еластичност;*
- ✓ *Да се потикнува да извадува вежби со одредени делови од телото, екстремитети, врат;*
- ✓ *Да се усоврши техника на одење и трчање;*

⇨ **Општи цели кои треба да се постигнат:**

- ✓ *Да усоврши поставување и движење;*
- ✓ *Да се оспособи за тимска работа;*
- ✓ *Да ги почитува правилата на игра;*

Со цел утврдување на постигањата и реализирање на активностите планирани со програмата, директорот на училиштето формира тим за следење на реализацијата на активностите.

⇨ ***Училишен тим за следење на реализацијата и начинот на евалуација:***

1. **Филип Петровски- предметен наставник**
2. **Јовица Димовски- предметен наставник**
3. **Стефани Тонеска-одделенски наставник**
4. **Лидија Ѓорѓиевска -предметен наставник**

Планираните активности и натпревари кои ќе бидат понудени на учениците во учебната 2025/26 година.

Вид на спорт	Време на реализација	Систем на натпреварување	Пол	Вид на натпревари	Одговорен наставник
Футсал	Октомври - Мај	Лига	Машки	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Кошарка	Октомври - Мај	Лига	Машки	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Футсал	Февруари	Турнир	Женски	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Кошарка	Март	Турнир	Женски	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Одбојка	Февруари	Лига	Женски	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Одбојка	Март	Турнир	Женски	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Пинг - Понг	Април	Турнир	Машки и Женски	Општински	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев
Атлетика	Октомври и Мај	Крос	Машки и Женски	Регионален	Ивица Петрушевски Јорданчо Тодосиев

Евалуација на постигањата, критериуми за вреднување на постигањата се бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни) и бројот на освоени награди.

Планирани активности	**Цели**	**Форми на активноста**	**Време**	**Услови за работа**	**Очекување**
Формирање на училишен кошаркарски тим-машки	Совладување на основни кошаркарски елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	Континуирано цела учебна година	Училишна спортска сала	Развој и популација на кошарката во училиштето и постигнување на добри резултати.
Формирање на училишен фудбалски тим- машки	Совладување на основни фудбалски елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	Континуирано цела учебна година	Училишна спортска сала	Развој и популација на фудбалот во училиштето и постигнување на добри резултати.
Формирање на училишен одбојкарски тим- женски	Совладување на основни одбојкарски елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	Континуирано цела учебна година	Училишна спортска сала	Развој и популација на одбојката во училиштето и постигнување на добри резултати.
Формирање на училишен ракометен тим-машки, женски	Совладување на основни ракометни елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	Континуирано цела учебна година	Училишна спортска сала	Развој и популација на ракометен во училиштето и постигнување на добри резултати.

Следењето се изведува индивидуално,групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат насоодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, објективни тестови, писмени вежби, усни вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

9.2. Секции/клубови

Слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно и имаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Секој ученик по свој личен избор може да се одлучи да членува во една или најмногу во две секции. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат склоности и интереси без оглед на успехот во наставата. Личниот интерес на ученикот има примарно значење при определувањето на видот на слободните активности.

Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенските дневници. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација. Знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко, а воедно и со учество на разни манифестации кои придонесуваат за подобра презентација и афирмација на воспитно-образовната дејност на училиштето,како и воспоставување на комуникација со другите училишта.

⇨Задачите на слободните ученички активности се:

- ✓ *Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците;*
- ✓ *Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување;*
- ✓ *Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски;*
- ✓ *Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време;*

⇨ Конкретни цели кои треба да се постигнат

- ✓ *Да сепотикнат учениците на покреативно изразување;*
- ✓ *Правилно користење на додатни материјали;*
- ✓ *Оспособување за самостојно вреднување и доживување на работите;*

⇨ Општи цели кои треба да се постигнат:

- ✓ *Потикнување на ученичките знаења;*
- ✓ *Утврдување на ученичките знаења;*
- ✓ *Практична примена на знаењата, умеењата и навиките;*
- ✓ *Да се оспособат знаењата на учениците да не сведат на повторување на наставното градово туку проширување преку користење на екстра материја;*

- ✓ *Да се одговори на потребите и интересите на учениците за разни активности;*
- ✓ *Да се поттикнува и негува детската љубопитност и сознајните способности;*
- ✓ *Да се развива интерес, фантазија и детската креативност;*
- ✓ *Да се прошируваат и продлабочуваат знаењата по одредена област;*
- ✓ *Да развива логичко и критичко мислење и изнаоѓање решенија на проблемите;*
- ✓ *Да се развива чувство на припадност и задоволство во извршувањето на активностите;*

⇨**Слободните ученички активности се поделени во групи и тоа :**

- ✓ *Слободни активности за проширување на знаењата по одделни предмети;*
- ✓ *Културно - уметнички слободни активности ;*
- ✓ *Слободни спортски активности*

На почетокот на учебна 2025/26 година на огласната табла и web страната на училиштето се објавува список на секциите што се предвидени со Годишната програма за работа на училиштето. Потоа преку наставниците, стручните соработници и со непосредно учество на ученичките тела, се спроведува анкета за заинтересираноста на учениците за подрачјата/темите за секциите што би се реализирале. Анкетата е намената за учениците и за родителите кога се работи за ученици од I - III одделение. Анкетата може да вклучува понуда од која треба да се врши изборот, а самата понуда, освен воннаставните активности што ги нудат наставниците, мора да ги земе предвид интересите на учениците изразени преку ученичките тела. По извршената анализа на анкетите, учениците ќе бидат распоредени по соодветни секции.

Списокот на пријавени и одбрани ученици со кои ќе се реализираат секциите дефинитивен ќе биде во септември и истиот ќе биде доставен како анекс во Годишната програма за работа на училиштето.

Годишна програма за воннаставни активности и распоредот за програми за секции по наставни предмети се дадени во **Прилог 19.**

9.3. Акции

Акциите се краткортајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример: различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во поширокота околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството итн.) Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка, група ученици од една година/одделение или еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената/целта на самата акција. Краткотрајните воннаставни активности се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Истите можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер. Се организираат заради превенирање или реагирање на определена состојба, понатаму, по повод гостување на некое стручно лице, практичар или популарно лице во дадена област, како и за проширување и продлабочувања на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети.

Во нашето училиште постојат тимови кои во своите програми и акциони планови планираат акции како на пример приредби, базари, хепенинзи, хуманитарни и еколошки акции, конкурси и слично.

⇨ ***Тим за организација на јавна и културна дејност во училиштето***

Цел:Развивање творечки способности кај учениците, афирмација на училиштето и успешна комуникација со јавноста.

⇨ ***Тим за соработка со родители/ старатели***

Цел:Подобрување и продлабочување на соработката со родителите/старателите.

⇨ ***Детска организација***

Цел: Создавање на еднакви можности, почитување на детската личност и заштита на нивните права и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно, во училиштето во учебната 2023/2024 година ќе се организира прием на првачињата во Детската организација.

⇨ ***ЕКО тим***

Цел: Поголем ангажман на учениците и вработените во училиштето за изгледот на училишната зграда и училишниот двор (чисто училиште,

зголемување на бројот на дрвја, засадување на сезонско цвеќе), заштеда на вода и енергија, бројни акции, кампањи и сл. активности.

⇨ ***Меѓуетничка интеграција на младите во образованието***

Цел: Реализирање на активности за запознавање и јакнење на мултикултурата и заедницата, почитување и прифаќање на различностите.

⇨ ***Превенција од насилно однесување***

Цел: Учениците да се запознаат со видовите на насилно однесување и начините на справување со истите.

⇨ ***Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта***

Цел: Учениците да се запознаат со облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата

⇨ ***Црвен крст***

Цел: Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување, како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

⇨ ***Тим за естетско уредување на училиштето***

Цел: Естетско вообличување на просторот во училиштето со поттикнување на креативноста и фантазијата на учениците.

⇨ ***<u>Училишен тим за следење на акциите</u>***

1. **Анета Пешевска- претседател на совет на родители**
2. **Бојана М. Личева-предметен наставник**
3. **Томислав Спасевски-предметен наставник**
4. **Анета Менчова-одделенски наставник**

План за организирање на акции

Ред бр.	Акција (содржина)	Цел на акција	Одговорно лице	Вклучени паралелки	Средства и материјали	Извори на средства и материјал	Следење на акциите	Време на реализ.
1.	Активности за запознавање на учениците со антикорупција	Да се утврдат предзнаењата на учениците за корупција, појава и заштита од корупција	Магдалена Павлеска	Од IV до IX одделение	Анкетен прашалник	Наставници и ученици	Тим за следње на акциите	Септември да се стави под бр.1
2.	Донации на облека, средства за домакинство за загрозани семејства – хуманитарна акција	Обезбедување на потребна облека , средства на загРозани смејства	Бојана Личева	Од I до IX одделение	Пакети и кеси за складирање на донациите, превоз, пункт	Локално население, Наставници , Родители Ученици	Тим за следење на акциите	Октомври да се стави по бр.2
3.	Собирање на храна за семејства-хуманитарна акција	Обезбедување на потребна храна за загРозаните семејства;	Бојана Личева	Од I до IX одделение	Пакети и кеси за пакување на храната, Превозно средство Простор за складирање	Локална самоуправа Население Ученици Наставници Родители	Тим за следење на акциите	Ноември
4.	Предавање за насилното однесување	Запознавање со видови насилство	Тања Златановски	Од I до IX одделение	Компјутер, презентации, листови, маркери	Ученици Наставници	Тим за следење на акциите	тековно

5.	Уредување на училишен двор-Еколошка акција	Подигање на еколошката свест на учениците; Разубавување на училишниот двор;	Душанка Китановска	Од I до IX одделение	Ракавици Кеси за отпадоци Работен материјал	Училиште ученици	Тим за следење на акциите	Март
6.	Денот на шегата-хепенинг	Подобрување на меѓусебната комуникација и заедничко работење на учениците-тимска работа.	Данче Костовска Елена Малинова	Од I до IX одделение	Материјали за изработка на маски, картон, текстил, лепак,простор за дефиле	Ученици Наставници Училиште	Тим за следење на акциите	Април
7.	Засади цвеќе-еколошка акција	Естетско уредување на училишниот двор; Запознавање со начинот на одгледување на растенија на учениците;	Бојана Личева Радица Цветковска	Од I до IX одделение	Садници на сезонски цвеќиња, Работен материјал, ракавици	Училиште Наставници Родителии	Тим за следење на акциите	Април
8.	Здрава исхрана-Базар	Запознавање и прозводство на здрава храна; Подготовка на специјалитети	Лидија Ѓеорѓеиева Бојана Личева	Од I до IXодделение	Маси Украсни фолии Празни кутии	Училиште Наставници Ученици	Тим за следење на акциите	Мај

		од здрава храна; Изработки од здрава храна;			Производи од зелнчук и овошје			
9.	Празнични специјалитети на сите етникуми - базар	Запознавање со традиционалната храна на сите етникуми застапени во училиштето.	Роза Јаневска	Од I до IX одделение	Потребна храна, Маси Простор за складирање и изожба,материјали за пакување	Родители Наставници Ученици Училиште	Тим за следење на акциите	Мај

По завршувањето на акцијата, од учениците-учесници треба да се бара повратна информација (анонимни прашалници) за успешноста во реализацијата на целите на акцијата и корисноста од нејзината реализација за нив самите. Од учениците може да се бара мислење и за тоа како може да се подобри реализацијата на акцијата во иднина. Одговорните наставници во соработка со другите вклучени реализатори (наставници, родители, стручни соработници, претставници на невладини организации) го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот список на учесници. За учениците кои особено се истакнале во реализацијата на целите на акцијата, одговорниот наставник подготвува посебна белешка со мислење кое описно се запишува во додатокот на свидетелството на ученикот.

10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Ученикот кој е во фокусот на воспитно-образовниот процес е личност со свои права, обврски, интереси, член на општествената заедницата со што има право на свои организации, чија цел е изградба на самосвесни демократични личности кои реално се вреднуваат себе си, другите со што се подготвуваат адекватно да го завземат своето место во општеството. Во ООУ “Дане Крапчев“-Скопје, учениците учествуваат во целокупниот воспитно-образовен процес и се реализира ученичко организирање со цел учениците да се активни и рамноправни учесници во реализацијата на наставната програма како и во целокупниот воспитно-образовен процес. Учениците се организирани во ученичките тела: ученички заедници на ниво на паралелки, ученичка заедница на ниво на училиште, ученички парламент и ученички правобранител.

Ученичкото организирање треба да им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и нивоа на одлучување, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со:

- ✓ Настава;
- ✓ Воннаставните активности;
- ✓ Односите меѓу учениците;
- ✓ Односите со возрасните;
- ✓ Физичките услови во училиштето;

Ученичка заедница на ниво на паралелки

Според член 68 од Законот за основно образование, сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница и учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент, заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката. Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира претседател, заменик-претседател, постојани тела и повремени тела. Пожелно е секое дете да биде член барем на едно постојано тело во согласност со сопствените афинитети. Постојаните тела не мора да имаат однапред определен број, ниту пак тематска насоченост, самите ученици треба да решат колку постојани тела ќе имаат. Секој ученик освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата доброволно се определува во кое тело сака да биде член. Претседателот и заменик-претседателот на заедницата на паралелката ги запишуваат членовите во секое тело и списокот го чуваат во документацијата на заедницата. Претседателот на заедницата се избира со мандат од една учебна година. Еден ист претседател на заедницата на паралелката може да има само два мандати: еден во одделенска настава и еден во предметна настава. Претседателот на одделенска заедница го избираат

учениците кои ја чинат одделенската заедница на непосредни избори со тајно гласање од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката.

⇨Критериуми за избор

Критериумите за избор на претседателот и заменик - претседателот треба да ги изградат самите ученици, при што наставникот треба внимателно да ги насочува кон одредени вредности како:

- ✓ *Комуникативност;*
- ✓ *Почит кон другите (не прави разлика помеѓу учениците, еднакво постапува со сите, се залага за учениците);*
- ✓ *Почит од другите ученици;*
- ✓ *Поведение;*
- ✓ *Пдговорност;*
- ✓ *Подготвеност да ги застапува интересите на другите пред наставникот и пред другите наставници;*
- ✓ *Заинтересираност;*

Во заедницата на паралелката се избира претседател и заменик-претседател. Изборите за претседател на заедницата на паралелката се одржуваат во просторијата во којашто учениците го одржуваат одделенскиот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето (ќе биде додаден со анекс). На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик-претседател и на другите постојани и повремени тела на заедницата и заедно со учениците да ја формира листата на критериуми.

Ученичка заедница на училиштето

Ученичката заедница на ниво на училиште особено ќе се заложува за третирање на одделни актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. Ученичката заедница на училиштето ги опфаќа учениците од I до IX одд.Се конституира на почетокот на учебната година откако ќе се формираат паралелките. Секоја паралелка делегира еден до два члена во училишната заедница од раководството - претседателството на ученичката заедница и тие го претставуваат раководството на ученичката заедница. Од редот на претседателството се бира потесно раководство кое го сочинуваат претседател, подпретседател и секретар. За вршење на одделни задачи претседателот бира повремени или постојани комисии, како на пример комисија за успех и дисциплина. Со цел вклучување на сите ученици во работата на заедницата на паралелката, се формираат и постојани тела на заедницата, а по потреба се формираат и повремени тела на заедницата на паралелката. Учениците самостојно се договараат и одлучуваат во кое тело ќе членуваат. Сите тела имаат различна улога и учествуваат во планирање и организирање на: прослави и манифестации, екскурзии, еколошки активности, спортски активности, собирање прилози и други хуманитарни активности и решавање на актуелни прашања и проблеми.

Ученичката заедница се состанува минимум еднаш месечно, а состаноците ги води претседателот на паралелката.На состаноците се решаваат тековните проблеми во паралелката, се водат дискусии и дебати на теми предложени од учениците, се изготвуваат писмени предлози акции и иницијативи до ученичкиот парламент, се разгледуваат одлуките на парламентот

Училишната заедница ја следи, насочува и координира работата на ученичките заедници на паралелките. Својата активност ја остварува по однапред подготвена програма за работа. Работата на ученичката заедница на училиштето ја помага педагогот на училиштето.

Годишната програма за работа на ученичката заедница и заедница на паралелката се дадени во **Прилог 28.**

Годишната програма за работа на Детска организација е дена во **Прилог 22.**

Ученички парламент

Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, составено од претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат (со мнозинство гласови од тајно гласање) се избира претседател на ученичкиот парламент. Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември. Датумот на одржување на конститутивната седница се определувасо годишниот план и програма за работа на училиштето (ќе се приложи со анекс). Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на заедниците на паралелките.Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките, седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелкитеили директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките. На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог и други стручни соработници. Членови на ученичкиот парламент во ООУ „Дане Крапчев“- Скопје, ќе се изберат во месец септември и приложат со анекс на Годишната програма за работа на училиштето.

⇨ **Надлежности на ученичкиот парламент:**

- ✓ *Активно учество во промовирање и застапување на правата и интересите на учениците;*
- ✓ *Промоција на ученички активизам;*

- ✓ *Активности за обезбедување на врсничка подршка на учениците со посебни образовни потреби;*
- ✓ *Учество во изработка на годишната програма за работа на училиштето;*
- ✓ *Дава предлог активности за програмата за излети, екскурзии и други вонучилишни активности;*
- ✓ *Дава предлог за воннаставни активности на учениците;*
- ✓ *Дава предлог за подобрување на ученичкиот стандард;*
- ✓ *Учествува во евалуација на работата на училиштето;*
- ✓ *Учествува без право на глас во работата на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Совет на родители;*
- ✓ *Организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа;*

⇨ **Надлежности на ученичкиот парламент се спроведуваат во текот на целата учебна година и истите се реализираат преку:**

- ✓ *Дебати;*
- ✓ *Предавања;*
- ✓ *Дискусии;*
- ✓ *Едукативни содржини;*
- ✓ *Едукативни работилници;*
- ✓ *Истражувања;*
- ✓ *Тркалезни маси;*
- ✓ *Иницијативи;*
- ✓ *Акции;*
- ✓ *Манифестации;*
- ✓ *Анкети;*
- ✓ *Презенатции;*
- ✓ *Соработка со институции и организации;*

Годишната програма за работа на ученичкиот парламент е дадена во **Прилог 28а.**

Ученички правобранител

Член 68, став 8 од Законот за основно образование, предвидува и воспоставување на ученички правобранител чија задача е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Својата функција ја остварува во партнерство со стручната служба, преку промовирање на детските права (со помош на организирање едукативни работилници, дебати, инфо-денови итн.) и преку давање поддршка за заштита на детскитеправа (со помош на регистрирање на прекршувањата на детските права и нивно проследување до стручната служба). Предвидено е ученичкиот правобранител да го избираат учениците од VII-IX одделение, со тајно гласање. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, се препорачува освен ученички правобранител да се изберат и најмалку двајца негови заменици. Информациите за содржината на работилниците сеобезбедени од стручната служба во училиштето и тимот за поддршка, која треба да претставува партнер на ученичкиот правобранител.

⇨Последователните чекори за селекција на ученичкиот правобранител и неговите заменици:

1. Директорот ги информира сите наставници во училиштето, при првата заедничка средба, за целиот процес на селекција и собирање за нивно активно вклучување и целосна поддршка.
2. Стручната служба во основното училиште подготвува отворен повик за избор на ученички правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб-страницата на училиштето.
3. Најдоцна една недела пред истекот на крајниот рок за пријавување, одделенските, односно раководителите на паралелките имаат задача да го промовираат и да им го објаснат повикот на своите ученици и да одговорат на сите нивни прашања. Ова подразбира потреба од претходна подготовка на сите одделенски, односно раководители на паралелка која ќе ја изведе стручната служба.
4. Во текот на отворениот повик за пријавување се формира комисија за избор на ученички правобранител, која се состои од: педагоги 4 лица назначени од ученичкиот парламент, бројот на членови на комисијата е непарен. Задачата на оваа комисија е да ги разгледа пријавите за ученик правобранител и да организира избори за ученички правобранител.
5. Комисијата за избор на ученички правобранител дефинира датум за избори и го објавува јавно на огласната табла на училиштето. На огласната табла заедно со информацијата за избори се наведуваат и пријавите на кандидатите за ученички правобранители и замениците на ученичките правобранители за да се запознаат учениците со нивните идеи и видувања. За потребите на изборите, комисијата ќе испечати ливчиња со имињата на кандидатите за ученички правобранител и заменици. Симулирајќи вистински процес на избори, секој гласач ќе добие ливче, ќе го заокружи тајно и ќе го стави во кутијата за избори.
6. По завршување на гласањето, комисијата јавно ги пребројува гласовите. За избран ученички правобранител се смета оној што добил најмногу гласови од учениците што гласале од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение.

Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат.

Годишната програма за работа на ученичкиот правобранител е дадена во **Прилог 28б.**

11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

11.1.Екскурзии, излети и настава во природа

➢ ***Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„Дане Крапчев“- Скопје за учебната 2025/2026 година.***

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основно образование под бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерство за образование и наука, стручниот тим на екскурзии, формиран со одлука од страна на Училишниот одбор на училиштето, изготви Програма за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ„Дане Крапчев“-Скопје.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности претставуваат форма на воспитно-образовна работа што ја организира училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја, наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели: општи и стручни знаења и ученички сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, применување вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина, културно -историски знаменитости, индустриски иземјоделски капацитети изапознавање со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности ги реализираат целите преку:

- ✓ *Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;*
- ✓ *Посета на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;*
- ✓ *Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;*
- ✓ *Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;*
- ✓ *Градење чувство за припадност на државата, еднаквост, толеранција и соживот;*
- ✓ *Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава, за примена на меѓуетничка интеграција на образованието;*
- ✓ *Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;*

- ✓ *Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;*
- ✓ *Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.*

⇨ **Во текот на учебната 2025/2026 година ќе бидат организирани:**

Екскурзии / Излети	Време на изведување	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	Септември/Октомври	Чардак-Скопска Црна Гора	I – IX одд.
Еднодневен пролетен излет	Мај/Јуни	Сарачево	I – IXодд.
Еднодневна екскурзија	Мај/Јуни	Струмица	III одд.
Дводневна екскурзија	Септември/октомври или Мај/Јуни (во зависност од интересот на учениците и родителите)	Источна Македонија	VI одд.
Тродневна екскурзија	Септември/Октомври или Мај/Јуни (во зависност од интересот на учениците и родителите)	Западна Македонија	IX одд.
Настава во природа	Април/Мај (По посебно изготвена програма)	Охрид	V одд.
Набљудувања	Во текот на годината	Според програмата	I – IX одд.
Посета на знаменитости и установи	Во текот на годината	Според програмата	I – IX одд.

Забелешка*: Временската рамка за изведување на екскурзиите е ориентациона и зависи од временските услови или други објективнипричини.

Годишната програма за вонучилишни активности е дадена во **Прилог 29.**

➢ ***Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности:***

1. ***Адријана Младеновска – директор***
2. ***Александра Стојчевска-предметен наставник***
3. ***Катица Стојчевска-предметен наставни***
4. ***Светланка Пешевска-одделенски настваник***
5. ***Маја Б. Величковска-предметен наставник***
6. ***Емилија Блажевска-одделенски наставник***
7. ***Даниела Салтирова-одделенски наставник***

12. НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Организираните натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се воспоставува активен однос кон наставата се продлабочуваат и збогатуваат знаењата на ученикот а придонесуваат и да се развива натпреварувачкиот дух и другарството помеѓу учениците. Организатори на натпреварите се наставниците, стручните активи на наставниците, општината и други.

Натпреварите во кои учество заземаат учениците можат да бидат:

- ⇨ ***Натпреварите во знаења*** по наставни предмети ќе се одржат во месеците февруари и март во секоја паралелка и на ниво на одделенија. Најдобрите поединци ќе го претставуваат училиштето на општинските натпревари,
- ⇨ ***Натпреварите по вештини*** ќе се одржат при крај научебната година на нивона одделенијаиучилиште во организација нараководителите на секциите, а најдобрите ќе учествуваат на регионални и државни натпревари.
- ⇨ ***Спортските натпревари*** ќе се одржуваат во текот на целата учебна година во поединечна и екипна конкуренција, во мал фудбал, кошарка, одбојка и ракомет во организација на наставникот по физичко образование на општинско и градско ниво. Училиштето ќе учествувана спортските натпревари и по повод патроните празници на училиштата кои што ќе не поканат.

Училиштето ќе учествува на натпреварите организирани од страна на општината, градот, МОН и Р. С. Македонија кои што имаат решение од МОН.

Годишната програма за реализација на ученички натпревари е дадена во **Прилог 30.**

13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Активностите кои се во насока на промоција на меѓуетничка интеграција во образованието обезбедуваат можности за непосредна интеракција на учениците со различен културен идентитет. Овој вид активности овозможуваат младите да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно. Сето ова резултира со унапредување на меѓусебните односи и развивање на соработка и заедништво.Овие активности придонесуваат и за интензивирање на неформалната комуникација меѓу учениците надвор од училиштето, што би била повисока цел меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост. Интегрирано образование е нов модел на образование кој претставува пример за образование на децата и младината од сите етнички заедници во мултиетничка средина заради нивно подготвување за живот во мултиетничко општество. Овој образовен модел ги негува, ги охрабрува и ги интегрира во себе мултиетничките и мултикултурните вредности, образувањето и надградувањето како на учениците, наставниците и вработените во училиштата, така и на родителите и заедницата, преку негување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, градејќи притоа едно мултиетничко општество. Интенцијата на квалитетното интегрирано образование е градење на современи, успешни и ефективни воспитно-образовни установи кои ќе ги промовираат мултиетничките вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училишен амбиент.

За реализација на активностите кои се однесуваат на меѓуетничката интеграција на образованието во ООУ „Дане Крапчев“-Скопје од страна на директорот формиран е тим за училишна интеграција - СИТ кој е одговорен за реализација и спроведување на планираните активности.

⇨ ***<u>Училишен тим за училишна интеграција:</u>***

1. **Роза Јаневска-предметен наставник**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Бојана М. Личева-предметен наставник**
4. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**
5. **Анета Менчова-одделенски наставник**
6. **Софија Мијалковска - ученички парламент**
7. **Матеј Макрешански - ученички правобранител**

Годишна програма и план за унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција е дадена во **Прилог 24.**

14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Училиштето континуирано е вклучено во образовните реформи со кои преку реализирање на проекти придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата.

⇨ **Проекти кои се реализираат во училиштето:**

- ✓ *Проект „Градиме нови мостови“;*
- ✓ *Квалитетно образование за сите: Едукација за демократска култура - од политика до практика;*
- ✓ *Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба;*
- ✓ *Здрава храна и добри навики за среќни деца;*
- ✓ *Е-твининг: Safe Internet Use;*
- ✓ *Еразмус плус проект: The impact of family attitudes on Internet connectivity and safe Internet use;*
- ✓ *„Влијанието на семејните ставови врз поврзувањето на Интернет и безбедното користење на интернетот".*
- ✓ *ЈП,,ЛАЈКА" дел од проектот „Унапредување на благосостојбата на животните преку волонтерство"*
- ✓ *E-Twinning проект: ,,Let's take climate action!"*

Проекти што се реализираат во основното училиште се дадени во **Прилог 31.**

15. ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

15.1.Постигнување на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Од страна на педагогот се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години и сл. Постигнувањата на учениците во 2023/24 година по наставни предмети се дадени во следната табела:

ПРЕГЛЕД
на општиот успех на учениците на крајот на второто полугодие
во учебната 2024/25 година во наставата со македонски наставен јазик

Одд.	Број на ученици		Одлични		Мн.добри		Добри		Доволни		Вкупно со позитивни		Со 1 слаба		Со 2 слаби		Со 3 и повеќе		Вкупен просек
	Се	Ж	Бр.	%	Бр.	%	Бр.	%	Бр.	%	Бр	%	Бр	%	Бр	%	Бр	%	
I	90	51	***ОПИСНО ОЦЕНЕТИ 247 УЧЕНИКА***																
II	69	29																	
III	84	30																	
IV	3	2	**Двајца ученици од четврто одделение се оценети описно според прилагодена програма за ученици со надминатата возраст и двајца ученици од петто одделение се оценети описнио според модифицирана програма согласно Законот за основно образование. Еден ученик од четврто одделение со надминатата вораст е неоценет.**																
V	2	0																	
IV	74	32	48	*64.86*	10	*13.51*	*13*	*17.57*	*3*	*4.05*	74	*100*	/	/	/	/	/	/	4.32
V	71	41	40	*56.33*	14	*19.71*	13	*18.30*	4	*5.63*	71	*100*	/	/	/	/	/	/	4.27
I-V	**393**	**185**	**88**	22.39	**24**	*6.11*	**26**	*6.62*	**7**	*1.78*	**145**	36.9	/	/	/	/	/	/	**4.30**
VI	94	42	34	*36.17*	24	*25.53*	20	*21.28*	13	*13.83*	91	*96.8*	/	/	/	/	3	3.19	3.70
VII	93	45	31	*33.33*	25	*26.88*	24	*25.80*	12	*12.90*	92	*98.9*	/	/	/	/	1	1.07	3.73
VIII	85	43	25	*29.41*	19	*22.35*	27	*31.76*	14	*16.47*	85	*100*	/	/	/	/	/	/	3.58
IX	63	30	27	*42.86*	11	*17.46*	18	*28.57*	6	*9.52*	62	*98.4*	/	/	/	/	1	1.58	3.87
VI-IX	**335**	**160**	**205**	*61,19*	**103**	*30.74*	**115**	*34.33*	**45**	*13.43*	**330**	*98.5*	/	/	/	/	5	1.49	**3.72**
IV-IX	**485**	**235**	**293**	*60.41*	**127**	*26.18*	**141**	*29.07*	**52**	*10.72*	**475**	*97.9*	/	/	/	/	5	1.03	**4.01**
I-IX	**728**	**345**	**293**	*40.25*	**127**	*17.44*	**141**	*19.37*	**52**	*7.14*	**475**	*65.24*	/	/	/	/	5	0.69	

Учебна година	*2024/25*	2023/24	2022/23	2021/22
Просек	4,01	3,92	3,97	3,88

План за постигнување на учениците во 2025/26 година

⇨ ***Стратешки и развојни цели:***

- ✓ *Реализација на додатните и дополнителните активности;*
- ✓ *Реализација на наставните содржини;*
- ✓ *Работа со деца со посебни потреби;*
- ✓ *Унапредување на информираноста на учениците, родителите и наставниците.*

За успешно реализирање на горе наведените стратешки и развојни цели се одредија и конкретни цели и задачи во кои се опфатени активностите што ќе се реализираат, времето на реализација, ресурсите и индикаторите.

⇨***Активности - процедура за идентификација и поддршка и на учениците со потешкотии во учењето:***

- ✓ *Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;*
- ✓ *Наставниците, стручните соработници вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);*
- ✓ *Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;*
- ✓ *Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог) изготвува програма за индивидуална поддршка;*
- ✓ *Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето;*
- ✓ *Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;*
- ✓ *Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);*
- ✓ *Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции (Завод за ментално здравје, Ресгионално стручно тело за*

класификација според МКФ, Центар за социјална работа, СОС ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците;

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.Училиштето посветува особено внимание на *промовирањата на постигнувањата на учениците*, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку web страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи и сл, училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.Во рамките на учеството на литературни читања особено се истакнуваат средбите со писателина Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и хепенинзи.Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори.На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи резултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

План за следење и поддршка на учениците						
Задачи	**Активност**	**Време на реализација**	**Носител**	**Ресурси**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Да се анализира оценувањето на постигањата на учениците	Изготвување на компаративна анализа	Јануари Јуни	Тим за подрачјето за самоевалуација „Постигања на учениците“	Преглед на постигања на ученици	Подобрување на постигањата на учениците	Марина Пазаркоска
Да се промовираат постигањата на учениците	Информирање на училиштето и јавноста запостигањата на учениците	Континуирано	Одделенски раководители	Преглед на постигања на ученици	Подобрување на постигањата на учениците	Анета Митеска
Континуирано да се поддржуваат учениците преку додатна и дополнителна настава	Учество на учениците на часови на додатна и дополнителна настава, учество на училишни и вон училишни активности и натпревари	Во текот на целата учебна година	Наставници, родители ученици	Реализирање на часовите на додатна и дополнителна настава и учество на натпревари	Повисоки постигања на учениците	Катерина Лукарова
Да се идентификуваат талентираните, надарените и учениците со	Идентификација на талентирани, надарени и ученици со потешкотии во	Септември	Одделенски предметни наставници	Набљудување Анегдотски белешки	Идентификуван и ученици	Стручните соработници

потешкотии во учењето	учењето					
Да се изготви план за работа со талентираните и надарените, ученици со ПОП, потешкотии во учењето и емоционални потешкотии	Изготвување на план за работа на УИТ	Септември	Одделенски предметни наставници	Наставни планови и програми	Идентификувани ученици	Стручни соработници
Континуирано да се подржуваат талентираните и надарените ученици	Изготвување и реализација на акционен план за надарени и талентирани ученици	Во текот на целата учебна година	Тим за надарени и талентирани ученици	Консултативно - советодавна работа	Целосна реализација на индивидуалните програми за работа со надарени и талентирани ученици	Марина Пазаркоска
Континуирано да се подржуваат учениците со ПОП, потешкотии во учењето и емоционални потешкотии	Изготвување и реализација на акционен план за Училишен инклузивен тим	Во текот на целата учебна година	Училишен инклузивен тим	Консултативо -советодавна работа	Подобрување на постигањата, вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната	Стручни соработници

- ***Училишен тим за поддршка на учениците и за евалуација на работата:***

1. **Адријана Младеновска – директор**
2. **Марина Пазаркоска – психолог**
3. **Тања Златановски – педагог**
4. **Душанка Китановска – предметен наставник**

Процедура за наградување ученици

Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува следnата процедура за наградување ученици:

- ✓ *Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;*
- ✓ *Ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успехво слободните ученички активности(натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонесво разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);*
- ✓ *Предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;*
- ✓ *На ученикот му се доделува пофалба во вид на диплома или пофалница;*
- ✓ *Ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);*
- ✓ *Пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;*
- ✓ *За пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација.*
- ✓ *Училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение.*

15.2.Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професи, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси. Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и други активности поврзани со кариерното советување на учениците.Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Годишна програма за професионална ориентација на учениците дадена е во **Прилог 32.**

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА									
							Следење		
Задача	**Активност**	**Временска рамка (месец)**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инст.**	**Очекувани резултати**	**Одг. лице**	**х**	**Потр.буџет**
1.Креирање политика за професионална ориентација на учениците	Изготвување на програма и акционен план	Јуни	Тим	Насоки за изготвување на годишна програма за работа на училиштето	Програма и акционен план	Правилен избор на струки и занимања	Тим		
2.Запознавање на учениците со различни професии и занимање и остварување контакти и соработка со бизнис секторот од локалната заедница	-Презентација, инфо-рмирање,творење и запознавање на учениците со различни професии и занимања - предавања од родители - организирани посети на компании од локалната заедница	Тековно	Наставници Ученици Родител Стручни лица со одредени занимања	Предавања, презентации, филмови, посета на институции, работилници	Презентација -power point, играње улоги, творење, анкета	Учениците се информирани со различните видови занимања и професии	Тим		/
3.Спознавање	Работилници за откривање на јаките и слабите страни на учениците, на	Тековно	наставници психолог	Писмени работи, ликовни творби, работилници	Презентации, анкета, тетратки, блок за цртање,	Стекнати сознанија за себе,чувство на задоволство од себе си и	Наставници и Одд раководители		

	сопствените желби, интереси и афинитети, способности, ставови, верувања, вредности, вештини.				ученичко портфолио Акциони планоци на наставници	почитта од другите, Зголемена самодоверба			
4. Пребарување дополнителни информации за училишта и струки	- Истражување на различни струки преку пребарување на интернет и стручна литература - Истражување на средни училишта - Краток опис на истражувањето	март	одд. раководител наставник по информатика Ученици од IX одд.	Компјутер Интернет Стручна литература Интервјуа Хартија	/	Учениците се информирани со различните видови занимања и професии	Наст. по информат. ученици од 9 одд.		/
5. Анкетирање и примена на мерни иструменти за професионална ориенатција на ученици	-Примена на тестови за професионална ориентација -Спроведување на анкета за учениците од IX одд.	Април- Мај	Психолог и соц. едукатор и рех. Педагог	Иструмент за запознавање на способностите и интересите на учениците, анкета, извештаи	Тест и анкета за професионал на оринтација	Запознавање со способностите и интересите на учениците и и запознавање со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието	Психолог		/
6.Организирање средби со претставници од училиштата од град Скопје преку презентации	Организација на презентации на струки и занимања од средните училишта	Април Мај	Средните училишта психолог	Стручни лица од средните училишта Одд. раководители, презентации, флаери и	/	Стекнати подетални информации за тоа што го нудат училиштата	Тим		/

од гимназии-државни и приватни и средни стручни училишта				др.пречатен материјал					
7.Информирање за понудените училишта и струки во средното државно и приватно образование во РМ	Презентирање на конкурсот и условите за упис во средните училишта	Мај	Психолог Наставници	Конкурсот за упис во средните училишта, презентации, флаери	/	Запоз. на учениците и родителите за можностите ,условите,критериумите за упис во средно образование	Одделенски раководител Тим за професионална ориентација		/
8. Советодавна работа со учениците – советување и ориентирање	Групни и по потреба индивидуални советодавни-консултативни разговори со ученици и родители за нивните ставови ,намери и интереси за продолжување на образованието	Април Мај	Психолог Наставници	Психолошки мерни инструменти (тестови на општи интелектуални способности), анкети , извештаи	/	Правилно насочување и формирање на правилен став при изборот на идна струка и занимање	психолох		/

- ***<u>Училишен тим за професионална ориентација на учениците:</u>***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Тања Златановски-педагог**
3. **Жаклина Атанасовска-библиотекар**
4. **Марина Пазаркоска-психолог**

15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

⇨ Превентивни програми

Со цел сузбивање на насилно однесување во нашата установа донесуваме програма мерки за зголемување на сигурноста во училиште под име “Афирмација на позитивни вредности против насилство” чија цел е:

- ✓ *Афирмација на позитивни вредности;*
- ✓ *Соочување со постоење на проблемот несигурност и насилство;*
- ✓ *Развивање на самопочитување, самоконтрола и комуникациски вештини кај учениците и помош на учениците во животните определби;*
- ✓ *Позитивно усмерување на користење на слободното време на учениците;*
- ✓ *Учество во разни спортски активности;*

Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилст

Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно-образовните институции е сеопфатен и сложен процес во кој треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето, децата/ученици, родителите/старатели, како и локалната заедница и институциите. Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците, што претставува повреда на основните детски права.

Првата цел е превенција на насилно однесување во училиштето односно мерки и активности за создавање на безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување пропишани преку Статутот и интерни акти во училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување (кодекс на однесување на учениците во училиштето, протокол за справување со насилничко однесување).

⇨ За спроведување на оваа цел, планирани се следниве активности:

- ✓ *Презентирање на кодексот на однесување на учениците во училиштето, правилникот за изрекување на педагошки мерки пред учениците и родителите и усвоената постапка за справување со насилничко однесување;*
- ✓ *Објавување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и протоколот за справување со насилничко однесување на web страната на училиштето;*
- ✓ *На секое ново вработено лице му се доставува протокол за справување со насилничко однесување;*
- ✓ *Зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство преку вклучување на експерти од областа со свои предавања и обуки;*
- ✓ *Едукативни работилници/презентации/предавања за родители за сите видови на насилство од прво, второ и трето ниво;*
- ✓ *Едукација и подигање на свеста на учениците;*
- ✓ *Организирање посебен влез и излез во деновите кога се среќаваат учениците од прва и втора смена;*

Втората цел се однесува на препознавање на насилството и детекција на учениците кои вршат насилство.

⇨ За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

- ✓ *Препознавање на насилното однесување преку набљудување на промени кај учениците: физички, емотивни, промени во однесување;*
- ✓ *Распоред со дежурства на наставници на критични точки во училиштето*
- ✓ *Анонимна анкета за детекција на видови насилство во училиштето и ученици кои вршат насилство;*
- ✓ *Поставување на кутија за анонимно пријавување;*
- ✓ *Поставени камери во холови и ходници;*
- ✓ *Ангажирано обезбедување;*
- ✓ *Соработка со надлежни институции: МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи, Народен правобранител;*
- ✓ *Утврдена постапка за пријавување на насилно однесување;*
- ✓ *Преземање активности за прекин на насилното однесување и обезбедување сигурност на ученикот;*

Третата цел на програмата опфаќа заштита и промена на однесувањето на ученикот сторител.

⇨ За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

- ✓ *Евиденција на учениците кои вршат насилство;*

- ✓ *Формирање на тим за поддршка на ученикот;*
- ✓ *Советодавна работа, психо-социјална помош и следење на ученикот сторител;*
- ✓ *Советодавна-консултативна работа со родителот;*
- ✓ *Изрекување на педагошка мерки;*
- ✓ *Вклучување на претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, здравствени установи по потреба;*

Четвртата цел на програмата опфаќа психо-социјална помош и заштита на ученици кои се жртви на насилство.

⇨ **За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:**

- ✓ *Евиденција на учениците кои се жртви на насилство;*
- ✓ *Пријавување во Меѓуопштински центар за социјална работа;*
- ✓ *Советодавна работа, психо-социјална поддршка и следење на учениците жртви на насилство;*
- ✓ *Вклучување на надлежни институции по потреба;*

План за постапување во случај на насилство помеѓу децата и други кризни ситуации

Освен програмата за афирмација на позитивни вредности против насилство, како превентивна програма за спречување на насилство меѓу учениците, вработените во училиштето должни се да реагираат во случај на насилство меѓу децата, и други кризни ситуации на следниов начин:

1. Раздвојување на учениците кај кои се јавила конфликтна ситуација и смирување на истата.

2. Краток индивидуален разговор со скараните ученици, договор за заеднички разговор со родителите по наставата истиот ден (класен,предметни наставници).

3. Повикување на родителите на разговор.

4. Заеднички разговор на учениците, родителите, класниот, педагогот и договор за активности за превентивно делување (спречување на лошото однесување).

5. Во случај да не може да се совлада ситуацијата да се повика полиција.

6. Ако има потеба да се повика и Центарот за социјална работа.

План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација даден во **Прилог 34**.

Училишна превентивна програма

Цели:

1. Да се намали интересот на младите за агресивно и ризично однесување.

2. Да се опфатат учениците со проблеми во однесување на релација ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-родител, деца со социјални проблеми, деца со проблеми во учење како и надарени и креативни ученици.

3. Афирмација на родителството-помош на родителите во секојдневните проблеми со децата помош во зацврстување на позитивни ставови, позитивна комуникација со децата.

4. Работа на наставниците на себе-секој наставник постојано да го истражува квалитетот на својата работа.

Основни елементи на програмата:
- Работа со родители-на односот кон своите деца семејните односи, родителствувањето, слободното време на децата, интересот кај децата;

Работа со учениците:

- ✓ Да се развива свеста и потребата за здрав и квалитетн живот во здрава околина преку отворени и пријателски односи и комуникација ученик-наставник;
- ✓ На секој ученик да му се овозможи да доживува успех (ова ја зајакнува самодовербата кај ученикот);
- ✓ Ученикот не смее да се плаши нити срами од својот наставник;
- ✓ Помош на децата со проблематично однесување преку креативни работилници;
- ✓ Работилници преку програмата за животни вештини;
- ✓ Отворен час за ученици и родители од страна на стручна служба и наставници;

Училиштето има изработено Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

- ***Безбедност во училиштето***

Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа:

- ✓ Проценка на загРозаност од природни непогоди и други несреќи;

- ✓ План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;
- ✓ Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
- ✓ Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста).За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа),тим за против пожарна заштита и одржување,тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација. Училиштето планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди.

- ***<u>Училишн тим за работа со ранлива група на ученици:</u>***

1. ***Марина Пазаркоска-психолог***
2. ***Специјален едукатор и рехабилитатор***
3. ***Тања Златановски-педагог***
4. ***Елена Малинова-предметен наставник***

Годишна програма за работа со ранлива група на ученици е дадена во **Прилог 33а.**

Програма за антикорупциска едукација на учениците дадена во **Прилог 25.**

16. ОЦЕНУВАЊЕ

16.1.Видови оценување и календар на оценувањето

Паралелки	Вид на оценување и календар на оценување
I - III	Описно преку цела година
IV - VI	Комбинирано (тримесечие и полугодие – описно; на крај година – бројчано)
VII – IX	Бројчано преку цела година

На почетокот на учебната година се прави план за писменото оценување од страна на секој наставник (во дневникот на паралелката) имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по една, а седмично по две писмени работи). Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставничкиот совет на училиштето има усвоено кодекс на оценување и училишни критериуми и стандарди за оценување, чија

основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Постигнувањата на учениците се оценуваат описно и бројчано. Оценувањето од I до III одделение е описно, а од IV до VI одделение описно (во прво, трето тримесечие и на полугодие) и бројчано (крај на наставната година) и само бројчано се оценуваат учениците од VII, VIII и IX одделение. Наставниците во своите планирања имаат испланирано дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Тие користат различни методи и форми за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците за формативно оценување (дискусија за време на часот, усна повратна информација, пишана повратна информација, сложеност на прашања, самооценување и оценување од страна на учениците, проекти, портфолио). Оценувањето е вградено во секој дел од секој час, и при тоа се применува критериумско сумативно оценување според усвоените критериуми на ниво на училиште (објективни тестови, есејски прашања, усни одговори, усни презентации, демонстрации, изведби и др.) Наставниците имаат изработено критериуми, стандарди на оценување на ниво на наставен предмет и теми, користат инструменти за оценување. Со нив учениците се запознаваат и самите се креатори, на почетокот на реализација на наставната тема, во текот на часовите истите се истакнуваат на видно место во училниците, ги имаат во портфолиото на паралелката. Во своите дневни планирања наставниците издвојуваат сегменти од часот со цел учениците самостојно да изработат инструменти за оценување и учениците се поттикнуваат на самооценување и соученичко самоооценување.

⇨ **Опис на активностите:**

- ✓ *Секој наставник ќе ги имплементира стандардите во оценувањето во својата програма и истите ќе ги применува цела година;*
- ✓ *Секој наставник во секој класификационен период ќе поднесува на увид докази (инструменти) кои ги користел при оценувањето;*
- ✓ *Секој наставник ќе го планира формативното (секојдневно во дневна подготовка и сумативното (на полугодие и на крај година) оценување;*

Оценување на учениците со ПОП

Оценувањето на учениците со ПОП се врши согласно Правилникот за оценување на учениците со попреченост од МОН. Начинот на оценување на секој ученик посебно се приспособува врз основа на неговите когнитивни способности, можности и начинот на изразување. Наставникот во процесот на оценување користи различни, специфични методи и инструменти за оценување кои се поврзани со целите односно резултатите од учењето, стандардите за оценување на постигањата на учениците, целта на оценувањето, видот на попреченоста и индивидуалните способности и можности на учениците. Во оценката се опфаќаат само показателите за постигањата на адаптираните резултати од учењето што се оценуваат согласно ИОП-от/модифицираната програма.

Во првиот воспитно-образовен период (I-III одд.), постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот воспитно-образовен период (IV-VI и VII-IX одд.) постигнувањата на учениците кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците со комплексни потреби кои следат настава според модифицирана програма се оценуваат описно во сите воспитно–образовни периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати од учењето и стандардите за оценување на индивидуалните постигања.

Во согласност со член 142 од Законот за основно образование, ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит. За ученик од шесто, седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиште е должно во јуни да организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми. Ученикот кој по одржаната дополнителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит. Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август. Ученикот кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

Во согласност став 144 од Законот за основно образование, ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет. За одобрување на полагање на одделенскиот испит, одлучува наставничкиот совет на училиштето.

Одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување ученикот го полага пред испитна комисија. Комисијата, е составена од претседател и два члена - наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

⇨ ***<u>Комисија за повторна проверка на знаењето на учениците:</u>***

1. ***Елизабета Ордева -одделенски наставник***
2. ***Катерина Лукарова-предметен настваник***
3. ***Тања Златановски-педагог***
4. ***Маја Величковска-предметен наставник***

⇨ ***Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување***

Одделенска настава			
Комисија I одделение		**Комисија II одделение**	
1.	Данче К. Јакимовска-претседател	1.	Катерина Димовска-претседател
2.	Лидија Ѓорѓиевска-член	2.	Весна Димовска-член
3.	Анета Менчова-член	3.	Биљана Јовчева-член
Англиски јазик I,II,III одделение		**Англиски јазик IV, V одделение**	
1.	Андријана Недевска -претседател	1.	Андријана Недевска -претседател
2.	Елизабета Ордева -член	2.	Даниела салтирова- член
3.	Весна Димовска-член	3.	Светланка Пешевска – член
Комисија III одделение		**Комисија IV одделение**	
1.	Елизабета Георгиева-претседател	1.	Стефани Тоневска-претседател
2.	Ивана Видин Ивановска-член	2.	Елизабета Ордева-член
3.	Весна стојковска-член	3.	Виолета Стоилевска-член
Комисија V одделение		**Техничко образование и информатика V одделение**	
1.	Даниела Салтирова-претседател	1.	Фросина Јанакиевска-претседател
2.	Ивана Илевска-член	2.	Светланка Пешевска -член
3.	Вилдана Суљовиќ-член	3.	Вилдана Суљовиќ--член
Природни науки V одделение			
1.	Бојана Личева-претседател		
2.	Даниела Салтирова -член		
3.	Ивана Илевска-член		

Предметна настава		
Македонски јазик	**Англиски јазик**	**Француски јазик**
Елена Малинова-претседател Катица Стојчевска -член Марија Шереметкоска-член	Весна Кочова-претседател Катерина Лукарова-член Јосиф Шапкалиев-член	Анета Митевска- претседател Наташа Апостолова-член Весна Кочова-член
Математика	**Физика**	**Хемија**
Лиле Сарваноска-претседател Билјана Стојановска-член Јулија Атанасова-член	Александра Стојчевска -претседател Билјана Стојановска-член Лиле Сарваноска-член	Елена Томевска -претседател Душанка Китановска-член Бојана Личева-член
Историја	**Географија**	**Биологија**
Роза Јаневска-претседател Магдалена Павлеска-член Маја Б. Величковска - член	Маја Б. Величковска - претседател Розе Јаневска-член Магдалена Павлеска-член	Душанка Китановска-претседател Бојана М. Личева-член Елена Томевска-член
Природни науки	**Техничко образование и информатика**	**Историја и општество**
Бојана Личева.-претседател Душанка Китановска-член Елена Томевска-член	Фросина Јанакиевска-претседател Марина Пејковска- член Јулија Атанасовска-член	Роза Јаневска-претседател Магдалена Павлеска-член Маја Б. Величковска - член
Граѓанско образование	**Слободни изборни предмети осмо одделение**	**Слободни изборни предмети шесто одделение**
Магдалена Павлеска-претседател Роза Јаневска- член Радица Ц. Петковска - член	Фросина Јанакиевска -претседател Радица Ц. Петковска -член Даниела Ристевска -член	Валентина Николовска-претседател Даниела Ристевска -член Радица Ц. Петковска -член
Проекти од информатика	**Иновации**	**Музичко образоание**
Марина Пејковска.-претседател Билјана Стојановска-член Лиле Сарваноска-член	Биљана Тодорвска-претседател Јовица Димески-член Катерина Лукарова-член	Ванчо Јовчев претседател Роза Јаневска -член Весна Кочова-член
Ликовно образование	**Физичко и здравствено образование**	**Слободни изборни предмети седмо одделние**
Марија Н. Наневска -претседател	Јовица Димески-претседател	Марија Н. Наневска - претседател

Катица Стојчевска-член Марија Шереметкоска-член	Томислав Спасевски-член Филип Петровски-член	Маја Б. Величковска -член Анета Митевска -член

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Училиштето има формирано тим во чиј состав влегуваат директор, стручната служба, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија. Овој тим ги следи сите планирани активности во училиштето. Се следи и се врши проверка на усогласеноста на оценувњето со предвидените стандарди, се утврдува процентот на поплаки и жалби по добиените оценки, се утврдува начинот на информирање на родителите и др. планирани активности. Тимот изготвува план на следење за секој период и наставен предмет. На крајот се прави една конечна анализа на состојбата, за да се процени дали предвиденото е реализирано за да се превземаат потребните чекори.Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката континуирано во текот на учебната година го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Истите се ги известуваат родителите односно старателите за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

⇨ ***Училишен тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди:***

1. ***Адријана Младеновска-директор***
2. ***Марина Пазаркоска-психолог***
3. ***Билјана Стојановска- предметен наставник***
4. ***Весна Кочова-предметен наставник***
5. ***Елизабета Ордева - одделенски наставник***

Процедура за поплаки и жалби по добиени оцени

⇨ Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
⇨ Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишната оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
⇨ Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот.
⇨ Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.
⇨ За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.
⇨ Комисијата е составена од претседател и два члена испитувачи.
⇨ Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-

испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката и оценката на комисијата е конечна.

План за следење и анализа на состојбите со оценувањето е даден во **Прилог 34**

Корелација на различни предмети за реализација на наставните планови и програми е дадена во **Прилог 34а.**

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со цел да се следи и да се вреднува квалитетот на работата на наставниот кадар односно реализацијата на натавниот план и програма, целокупната воспитно-образовна работа како и исполнување на критериумите од сите подрачја на воспитно –образовната работа, директорот на училиштето и стручната служба реализираат посета на наставни часови и воннаставни активности. Истата овозможува доколку постојат одредени неправилности во работата на наставниот кадар навремено и успешно да се санираат и да се подигне квалитетот на работата на наставниот кадар и успехот на учениците.

План на директор и стручен соработник за посета на наставни часови и воннаставни активности

Р. Бр.	Активност	Цели	Инструменти	Временска Рамка	Очекувани резултати	Реализатор
1.	Посета на наставен час-одделенска настава	Следење на воспитно-образовната работата на наставниците од одделенска настава. Следење на реализацијата на наставниот план и програма од страна наставниците од одделнска настава.	Формулар за следење на наставен час. Евидентен лист за разговор со наставници	Прво полугодие (минимум два пати) Второ полугодие (минимум два пати)	Подобрување на работата на наставници. Утврдување и навремено остранување на одредени недостатоци во работата.	Директор Педагог

2.	Посета на наставен час-предметна настава	Следење на воспитно-образовната работата на наставниците од предметна настава. Следење на реализацијата на наставниот план и програма од страна наставниците од предметна настава.	Формулар за следење на наставен час. Евидентен лист за разговор со наставници	Прво полугодие (минимум два пати) Второ полугодие (минимум два пати)	Подобрување на работата на наставниците. Утврдување и навремено остранување на одредени недостатоци во работата.	Директор Педагог
3.	Посета на воннасатвни активности-одделенска настава	Следење на активностите и нивна реализација-воннаставни активности.	Формулар за следење на воннаставни активности. Евидентен лист за разговор со наставници.	Прво полугодие (минимум два пати) Второ полугодие (минимум два пати)	Постигања на наставниците Отсранување на неправилности	Директор Педагог
4.	Посета на воннаставни активности-предметна настава	Следење на активностите и нивна реализација-воннаставни активности.	Формулар за следење на воннаставни активности. Евидентен лист за разговор со наставници	Прво полугодие (минимум два пати) Второ полугодие (минимум два пати)	Постигања на наставниците. Отстранување на неправилности	Директор Педагог

Критериуми за успех: формирани комисии за оценување од ученици во сите паралелки, изготвена процедура за поплаки и жалби по добиена оцена, сите родители и ученици да бидат информирани за процедурата за поплаки и жалби по добиена оцена, 90% од наставниците квалитетно и објективно оценуваат, подобување на состојбата на оценувањето во однос на претходниот период и подобрување на резултатите во работата на наставниците во однос на претходната година.

Инструменти: евидентни листови, инструмент за компаративна анализа, сумарник.

Индикатори за успешност: формирани комисии за оценување од ученици, изготвени критериуми за оценување врз основа на стандардите на оценување, квалитетно формативно и сумативно оценување, изготвена процедура за поплаки и жалби по добиена оцена, информирани родители и ученици за работата на тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето на

наставниците, квалитетно и објективно оценување на учениците од страна на наставниците, подобрена состојба на оценувањето, подобри резултати во работата на наставниците.

Повратна информација: тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето на наставниците дава повратна информација (извештај): за планирање на оценувањето, за поднесените приговори по добиена оцена, за следење и анализа на објективноста на оценувањето.

Програма за следење на педагошка евиденција е дадена во **Прилог 34б.**

16.4. Самоевалуација на училиштето

План за спроведување на самоевалуација и за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште

⇨ ***Клучни јаки страни***

- ✓ Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата.
- ✓ По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.
- ✓ Од страна на стручната служба и директорот се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување.
- ✓ Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и од стручните соработници.
- ✓ Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.
- ✓ Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.
- ✓ Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование во кои се содржани интересите на учениците.
- ✓ Наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава.
- ✓ Изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Наставниците поттикнуваат дискусија помеѓу учениците при што им ја развиваат вештината за соработка и комуникација.
- ✓ Расположливите ресурси (смарт таблите, проекторите, принтерите,стручна литература, наставни средства и помагала, изработени материјали од страна на наставниот кадар и учениците) се употребуваат на функционален начин.
- ✓ Функционална Сензорна соба за работа со ученици на кои им е потребна сензорна интеграција во која работи обучено лице – специјален едукатор и рехабилитатор .

- ✓ Училиштето организира и реализира заеднички наставни часови со ученици од партнер училиштето ООУ„25 Мај“-Скопје кои наставата ја следат на различни наставни јазици.
- ✓ Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- ✓ Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- ✓ Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- ✓ Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата
- ✓ Часовите во училиштето се интересни и содржините што им се пренесуваат на учениците ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество.
- ✓ Во училиштето постои Процедура за идентификување и следење на учениците со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии и посебни потреби.
- ✓ Во училиштето постои Процедура за идентификување на надарени и талентирани ученици и тим кој ја следи работата и напредокот на овие ученици.
- ✓ Најголем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.
- ✓ Учениците заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина и сметаат дека училиштето поттикнува соработка меѓу нив, почитување на различностите.
- ✓ Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.
- ✓ Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- ✓ Коефициентот на континуитет на успех континуирано е повисок од 0.9.
- ✓ Разновидни воннаставни активности кои одговараат на потребите и интересите не учениците.
- ✓ Мултикултурна соработка со други училишта.
- ✓ Организирање на натпревари во училиштето, како и давање на подршка на учениците за учество и освојување на награди на општински, регионални, државни и на меѓународни натпревари.
- ✓ Училиштето секој квартал врши анализа на успехот и поведението на учениците од различен пол, етничка припадност, одделенија, паралелки, по предмети, изработува акциски план со активности за подобрување на постигањата и ги разгледува истите.
- ✓ Училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците.
- ✓ Училиштето организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.

- ✓ Во училиштето се спроведува државно екстерно тестирање за учениците од IV и V одделение по математика, македонски јазик и природни науки .
- ✓ Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето, надарените деца, како и учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок.
- ✓ Наставниците им обезбедуваат подршка на учениците со потешкотии во учењето во редовната, додатната и дополнителната настава.
- ✓ Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
- ✓ Училиштето системски ја следи редовноста на учениците.
- ✓ Училиштето презема конкретни активности за подобрување на редовноста
- ✓ Училиштето остварува соработка со родителите/старателите, институциите, локалната самоуправа и со граѓанските организации се со цел да ја зголеми редовноста на учениците во наставата преку преземање на конкретни активности.
- ✓ Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните
- ✓ институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.
- ✓ Наставниците користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.
- ✓ Училиштето го следи и анализира напредокот на учениците кои посетуваат дополнителна настава и на учениците кои работат по диференцирана програма и констатира подобрување на постигањата на овие ученици.
- ✓ Воспитно-образовниот процес се одвива беспрекорно, а постигнатите резултати, активностите и проектите што се спроведуваат го вбројуваат училиштето меѓу најдобрите.
- ✓ Заемно почитување помеѓу сите субјекти во училиштето.
- ✓ Поведението и дисциплината се на соодветно ниво.
- ✓ Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги застапуваат правата и интересите на учениците и учествуваат во донесување на одлуки во областите каде што може да делуваат.
- ✓ Се негува духот на мултикултурализам и меѓуетничка соработка.
- ✓ Активна вклученост во животот на локалната средина преку учество во заеднички проекти и активности.
- ✓ Се преземаат мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави.
- ✓ Хигиената и безбедноста во училиштето е на високо ниво.
- ✓ Навремено и редовно се спроведуваат сите потребни систематски и стоматолошки прегледи и редовна вакцинација според календарот за имунизација
- ✓ Редовно се спроведуваат хуманитарни акции за учениците од социјален ризик.
- ✓ Се обезбедуваат одлични услови за работа и поддршка на учениците со социјално-емоционални потешкотии континуирано следејќи ги новите трендови за работа

- ✓ Се посветува големо внимание на професионалната ориентација уште во почетните одделенија на образованието и им се помага на учениците при изборот на понатамошното образование.
- ✓ УО има воспоставено партнерски однос со сите чинители во образовниот процес;
- ✓ Сите членови на УО детално се запознаени со надлежностите и активно учествуваат во креирањето на училишната политика;
- ✓ Раководниот орган на училиштето има јасна континуирана, стратешка определба и визија за развојот на училиштето;
- ✓ Директорот има успешна соработка со сите субјекти, органи, тела и институции кои се надлежни и кои можат да придонесат за подобрување на воспитно-образовниот процес;
- ✓ Директорот соработува со наставниците, родителите и учениците;
- ✓ Наставниците се навремено информирани за планирањата и одлуките на директорот;
- ✓ Училиштето има развиено систем за наградување и пофалување на учениците и вработените;
- ✓ Училиштето ги поттикнува и мотивира учениците, најчесто со јавни пофалба;
- ✓ Училиштето и наставниот кадар ги поттикнуваат и ги мотивираат учениците; за учество во проекти кои негуваат соживот помеѓу различните; националности кои вклучуваат инклузивна и мултиетничка соработка и толеранција;
- ✓ Училиштето им помага на учениците кои имаат семејни, здравствени, социо-економски и слични проблеми:
- ✓ Во училиштето редовно се спроведуваат хуманитарни акции и еколошки;
- ✓ Училиштето се грижи за здравјето на учениците преку редовна вакцинација, систематски прегледи и преку разни предавања од страна на стручни лица од оваа област;
- ✓ Училиштето има јасен план и распоред и оптимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности;
- ✓ Училишната библиотека/медиатека е добро уредена, располага со разновидна стручна литература, наставни средства и помагала согласно нормативите;
- ✓ Библиотеката е опремена со читална, компјутер и интернет.
- ✓ Училишната библиотека им е секогаш достапна на учениците и вработените;
- ✓ Библиотекарскиот фонд редовно се збогатува со нови лектирни изданија и др. стручна литература.
- ✓ Во училиштето активно функционира Тим за професионален и кариерен развој на наставниците;
- ✓ Директорот ги мотивира и го поддржува наставниот кадар и стручните соработници кон нивно усовршување;
- ✓ Директорот ги потикнува, мотивира и поддржува наставниците да се вклучат во етвининг и еразмус + проекти;
- ✓ Директорот навремено обезбедува потрошен материјал;
- ✓ Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот;
- ✓ Во училиштето редовно се спроведуваат дисеминации;

- ✓ Учениците од УП и УЗ даваат свои иницијативи и реализираат активности предвидени според програмата на Тимот кој раководи со Ученичкиот - парламент;
- ✓ Училиштето има политика за помош на социјално загрозени семејства;
- ✓ Мисијата и визијата на училиштето се креирани според потребите кои произлегуваат од целите во развојната програма на училиштето;
- ✓ Финансиските средства се користат транспарентно и наменски;

⇨ ***Слабости***

- ✓ Наставниот кадар соработува помеѓу себе но сепак треба да се има поголема соработката и размената на искуствата помеѓу предметните и одделенските наставници во одредеи подрачја на делување.
- ✓ Училиштето има развиено систем и интерни акти за идентификување на надарени ученици но сепак треба да се усовршат инструментите за идентификација во согласност со дадени критериуми од страна на соодветни стручни лица и соодветна институција (БРО, МОН).
- ✓ Во училиштето постојат знаци за безбедност и здравје при работа односно графички знаци за обележување на влезот/излезот но сепак потребно е да има и светлечки знаци за облежување на истите.
- ✓ Членовите на училишниот одбор не поседуваат сертификат од реализиара обука за работа во истиот.
- ✓ Училишната библиотека не поседува електронски систем на евиденција на литературата.
- ✓ Надворешното игралиште во задниот двор на училиштето е дотрајано.

⇨ ***Членови на комисија за самоевалуација:***

1. ***Биљана Стојановска - претседател- предметен наставник***
2. ***Елизабета Ордева - член на комисија- одделенски наставник-ментор***
3. ***Специјален едукатор и рехабилитатор- член на комисија-специјален едукатор и рехабилитатор***
4. ***Биљана Јовчева-член на комисија-одделенски наставник***
5. ***Наташа Николоска – член на комисија- родител***

Програма за самоевалуација на училиштето е дадена во **Прилог 35.**

17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е должно да создаде услови и да ги превземе сите мерки за за безбеден престој на учениците во училиштето. За таа цел во текот на целата учебна година се реализираат голем број предавања од страна на Министерството за внатрешни работи кои едукативно влијаат за зголемување на свеста кај учениците за лична безбедност, како и од стручната служба на училиштето. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето, а посебно на директорот, стручните соработници и наставниците. Особено големо значење за безбедноста на учениците имаат претставниците на Агенцијата за обезбедување на училиштето. Сепак најдобар систем за безбедност и заштита на учениците претставува почитувањето на куќниот ред на училиштето, а тоа се постигнува со воспитно влијание. Особена улога за безбедноста на учениците имаат и дежурните наставници определени во распоред на наставни часови.

ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ
(во случај на различни елементарни непогоди или критични состојби)

По забележување на ситуацијата или добивање информација за (земјотрес, пожар, терористичка закана и слично), директорот го информира својот тим (секретар, педагог, психолог, хаусмајстори, чувар и хигиеничари) да ги информираат класните раководители без никакво објаснување за мирно и најбрзо евакуирање на учениците без да се понесе нешто од страна на учениците.

Имено:

- ✓ Директорот ги информира информира секретар, педагог, психолог, хаусмајстори, чувар и хигиеничари;
- ✓ Прво хигеничарите отвораат вратите (задни) – излези од училиштето.
- ✓ Хаусмајстори и чувар ги отвараат две (главен влез) предни врати-излез и странична врата-излез.
- ✓ Секретарот информира во Зона 1 ги опфаќа просториите на приземјето, лево од централниот хол.
- ✓ Хаусмајстор информира во Зона 2 ги опфаќа просториите на приземјето, кои се десно од централниот хол.
- ✓ Педагогот информира во Зона 4-просториите на спратот (училници и канцеларии), кои се десно и над централниот хол.
- ✓ Секретар информира во Зона 3-ги опфаќа просториите на спратот (училници), кои се лево од централниот хол.
- ✓ Директорот и секретарот ги собираат најпотребните документи.
- ✓ Обучено лице/наставник известува во Зона 5-ја опфаќа евакуацијата од подрумот и ја зема опремата за прва помош;

Учениците се носат што подалеку од објектот, се собираат на игралиштето во училишниот двор. Потоа по завршувањето на опасноста организирано се праќаат дома. Во случаи на пожар евакуацијата оди по истиот план само што домаќинот и дел од присутните наставници ги активираат противпожарните апарати и санираат доколку пожарот е од локален карактер. Во секој случај предност има евакуацијата на учениците и документацијата од трајна вредност.

Училиштето има план за заштита и спасување на учениците и вработените од природни непогоди и други несреќи и наставници сертифицирани за прва помош.

Во случај на евентуален пожар или друг вид на загРозаност обезбедени се прописни излези за вработените и учениците при што е овозможена евакуација преку ходниците и скалите од подрумот, призмјето и спратот. Во планот за евакуација точно се утврдени и назначени правецот на движење, излезите, просторот за ПП-апарати, сандачиња за прва помош, ѕиден хидрант и зборно место.

Во планот за евакуација постојат 5 зони и 7 излези.

Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во **ПРИЛОГ 36**.

Планот за евакуација е даден во **ПРИЛОГ 36а.**

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

	АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО					
Задача	**Активност**	**Временска рамка (месец)**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Обучување на наставниците за пружање прва помош	Курсеви за прва помош	Во текот на учебната година	Акредитирани организации	Следење на курс за прва помош	Сертифицирани наставници за прва помош	Директор
Обучување на вработените во училиштето за безбедност и здравје при работа	Обука на вработените во училиштето за безбедност и здравје	Секоја трета година	Акредитирани организации	Следење на обука	Обучени наставници	Директор
Унапредување на знаењата на учениците за пружање прва помош	Информативно и едукативно предавање на учениците за прва помош и заштита	Октомври	Одговорни наставници, Ученици, членови на Црвен Крст	Информативно и едукативно предавање	Информирани ученици за побезбедна лична и колективна заштита	Училишниот тим за црвен крст
Унапредување на знаењата на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи	Информативно и едукативно предавање на учениците за превенција и заштита од природни и други несреќи	Февруари	Претставници од Црвен крст/ одговорни наставници Сите ученици И наставници	Информативно и едукативно предавање	Информирани ученици за начините на превенција и заштита од природни и други несреќи	Училишниот тим за црвен крст

Спроведување вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)	Спроведување интерна вежба за евакуација	Еднаш годишно	ученици, вработени,	Реализација на вежбата за евакуација	Практично обучени ученици и вработени за начинот на превенција и заштита од природни и други несреќи	Директор
Подготовки за спроведување вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)	Да се организира вежба за евакуација	Февруари	вработени, претставници од полиција, противпожарна единица, брза помош	-Информирање на сите субејкти во и околу училиштето за вежбата за евакуација -Организација и логистика за спроведување на вежбата	Добро организирана вежба за евакуација	Директор
Спроведување вежба за евакуација при елементарна непогода (земјотрес, пожар, и др)	Спроведување на вежба за евакуација	Март	ученици, вработени, претставници од црвен крст, полиција, противпожарна единица, брза помош	Реализација на вежбата за евакуација	Успешно реализирана евакуација	Директор
Евалуација на вежба по нејзината реализација	Проценка на успешноста по реализацијата на вежбата за евакуација	Март	Вработени, полиција, противпожарна единица брза помош	анализа на успешноста од спроведената вежба	Унапредени компетенции на учениците и вработените за практична	Директор

					примена на превенција и заштита од природни и други несреќи	

18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

ГРИЖА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Заштитата на унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите во училиштето. Програмата за заштита и унапредувањето на здравјето ги вклучува сите аспекти во животот на училиштето. Во нашето училиште целта на програмата е да се оспособат учениците и вработените да превземаат акции за поздрав живот.

Со оглед на комплексноста на категоријата “здравје” содржините во рамките на училишната здравствена политика ги групиравме во три подрачја и тоа:

- ⇨ **Унапредување на здравјето во физичка смисла;**
- ⇨ **Унапредување на менталното здравје;**
- ⇨ **Социјално (општествено) здравје;**

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител, слободните активности, прегледи и предавања од страна на стручни надворешни лица. Програмираните содржини ќе ги реализираат наставниците, педагогот, социјалните работници, лекар и друго.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува од страна на техничката служба преку редовно и континуирано чистење и дезифинцирање на сите простории во училиштето како и на целокупниот инвентар и наставни нагледни средства, при тоа се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. Редовно се менуваат средствата за хигиена во тоалетите, а отпадот се пакува и се фрла на соодветно поставени места. За одржување на хигиената во училиштето се грижи и целокупниот наставен кадар како и самите ученици. Два пати во текот на годината се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција на сите простории во училиштето.

18.2. Систематски прегледи

Согласно Програмата од Министерството за здравство за задолжителен систематски преглед на учениците, оваа учебна година систематскиот преглед на учениците ќе бидат реализирани според планот на здравствената организација. Тие ќе се реализираат без да се попречува наставата пред/по завршувањето на часовите, а ќе бидат опфатени учениците од I, III, V, VIIи IX одделение. Ќе ги придружуваат одделенските/класните раководители.

18.3. Вакцинирање

Согласно Програмата од Министерството за здравство за задолжителна имунизација на учениците, оваа учебна година вакцинацијата на учениците ќе бидат реализирани според планот на здравствената организација

Според насоките дадени од Министерството се забранува вакцинација во училиштата поради несакани ефекти. Истите се реализираат во Поликлиника „Ченто“ во присуство на одделенските/класните раководители и родителите на учениците.

Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од:

- ✓ Прво одделение – ноември;
- ✓ Второ одделение – септември;
- ✓ Трето одделение - март;
- ✓ Шестто одделение – само девојчиња (со согласност од родител);
- ✓ Осмо одделение – септември;

⇨ **Вкцинирање во учебна 2025/26 година:**

- ✓ Прво одделение -вакцина МРП, сипаници;
- ✓ Второ одделение - ревакцина ДТ плус полио,прво полугодие и / ППД проба за туберкулоза и БЦГ Туберкулоза вакцина второ полугодие;
- ✓ Шесто одделение-вакцина ХПВ за девојчиња и тоа,прва и втора доза во прво полугодие и трета доза во второ полугодие;
- ✓ Осмо одделение /прво полугодие ДТ плус полио/второ полугодие за девојчиња рубеола,вакцина;

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Организацијата на оброците за учениците во училиштето ќе биде спроведена според Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основнотоо училиште. Целта е овие стандарди да придонесат за редуцирање на лошите навики по здравјето на учениците поради неправилната исхрана и појава на прекумерна телесна тежина (членот 3 од овој правилник). Со посебна процедура и критериуми се избира кој ќе ги подготвува оброците за учениците. Во постапката активно е вклучена посебна комисија и родители.

Наставните содржини за здравата исхрана во одделенска настава ќе се реализираат на часовите по запознавање на околината и по природни науки, а во предметна настава на часовите по биологија и на одделенскиот час.Ќе се организираат едукативни предавања од стручни предавачи како и родители кои што се едуцирани за соодветни теми. Ќе се организираат повеќе предавања во однос на здрава исхрана преку целата година кои ќе бидат интегрирани со наставните содржини (преку Образование за животни вештини, Зелен пакет јуниор, часови со Еко – стандарди, часови по биологија).

План за заштита од заразни болести

1. Планот се донесува заради обезбедување на заштита на учениците и вработените од заразни болести:

- ⇨ Во учебната 2025/26 година во ООУ „Дане Крапчев" наставата ќе ја посетуваат 730 ученика и 70 вработени.
- ⇨ Директорот го назначува лицето Марина Пазаркоска-училишен психолог за следење на состојбата на заразни болести, евиденција и контактирање со надлежните институции при евентуална појава на истите. Контакт тел: 02/ 2525-292;
- ⇨ Вработените во училиштето задолжително треба да ги извршат здравствено-санитарните прегледи согласно важечките законски прописи.
- ⇨ Финансиски средства за извршување на здравствено-санитарните прегледи обезбедува училиштето.
- ⇨ Превентивна Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се врши еднаш годишно, а ја реализира овластена фирма.
- ⇨ Директорот го назначува лицето Орце Милошевски- хаусмајстор во училиштето за следење и контрола на извршувањето на ДДД. Контакт тел: 02/ 2525-292; 071/256-435.
- ⇨ Финансиски средства за извршување на ДДД обезбедува училиштето.
- ⇨ Директорот го назначува лицето Севда Бошковска во училиштето за прием, евиденција и поделба на ужинката на учениците.

Директор
м-р Адријана Младеновска

Годишната програма за грижа за здравјето на учениците е дадена во **Прилог 37.**

Годишната програма за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во **Прилог 37а.**

19.УЧИЛИШНА КЛИМА

19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците.Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците.Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовитеи за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците иучилишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните случувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

Контрола во училиштето и во училишниот двор спроведуваат дежурните наставници и лицето од обезбедувањето. Секојдневно се води писмена евиденција за тековните збиднувања во текот на работниот ден.

Распоред на дежурни наставници е даден во **Прилог 38.**

Акционен план за подобрување на училишната дисциплина

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето	Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето	Директор, Одговорен наставник за распоред на часови	Август	Безбедно одвивање на наставниот процес
Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени	Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор	Директор, Одговорен наставник за распоред на часови	Август	Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор
Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на УЗ	Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето	Одговорните наставници на Училишната заедница и претседателите на УЗ на паралелките	Во текот на учебната година	Соодветно однесување од страна на учениците
Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците	Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на соучениците	Одделенските раководители и учениците	Во текот на учебната година	Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените

Одговорени лица за следење: директор, одделенски раководители, стручни соработници.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетско, функционално и тематско уредување на училниците и ходниците во училиштето се спроведува континуирано.
Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани за чија реализација еодговорен Тимот за еколошка едукација и за естетско уредување на училиштето. Тој тиме составен од вработените и претставници од ученичкиот парламент кој го изработува и планот за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштетот.

➢ ***Училишен тим за еколошка едукација и естетско уредување на просторот на училиштето:***

1.Данче Костовска – одделенски наставник
2.Марија Н.Николовска – предметен наставник
3.Анета Менчова - одделенски наставник
4. Душанка Китановска- предметен наставник

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Потребни ресури	Очекувани ефекти
Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците	Одбележување значајни датуми и поводи	Наставници и ученици	На почетокот и во текот на целата учебна година	Пано, шпенагли, лепак, простор	Одбележани значајни датуми и поводи
Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето	Поттикнување на учениците за творење	Одговорни наставници ученици	Важни датуми и поводи во текот на учебната година	Работен материјал, патеријал, простор	Естетско уредени училници и ходници Развиени естетски вредности кај учениците
Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието	Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците	Наставници Ученици родители	Во текот на учебната година	Додатна литература за екологија, простор за изложба, материјал, лепак, ножици	Развиена еколошка свест кај ученици за реупотреба на материјали Развиени претприемачки вештини
Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор	Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање	Одговорни наставници и учениците	Октомври, март	Сезонски саднци, работен материјал, кеси и корпи за отпадоци, ракавици	Развиена еколошка свест кај учениците

19.3. Етички кодекси

Врз основа на член 19, став 3, од Законот за наставници во основните училишта (Сл.вес.на Р.С.Македонија бр.161/19,269/20) се донесоа Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните училишта. Примарна цел на училиштето е да ги научи учениците, а оценувањето има за цел да го подобри учењето и постигањето. Етички определби вонашето училиште е да се промовираат високи морални вредности, професионален однос кон сите засегнати субјекти во училиштето (ученици, родители/старатели, колеги и кон наставничката професија). Наставниците да бидат пример за учениците, да бидат објективни и подготвени во секое време да им дадат подршка и помош на учениците и тоа:

- ✓ создавање можности за сите да учат и напредуваат;
- ✓ меѓусебниот односот да биде базиран на грижа и почит;
- ✓ кон учениците да се однесува непристрасно и професионално;

Во тој контекст професионалното однесување на наставниците треба да се води од следниве вредности:

- ✓ еднаквост, инклузивност и правичност;
- ✓ одговорност, доверба и интегритет.

Учениците пак да се залагаат за правилно и фер оценување на сите ученици и да се спротистават, а појави кои доведуваат до неправилно оценување. Родителите да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца. Директорот и стручната служба да создадат култура на правилно и фер оценување во училиштето, да ги зашитат правата на приватност при оценување во училиштето како и да спречат евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето во училиштето.

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители). Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Тие се :

- ✓ Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;
- ✓ Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- ✓ Разгледан и усвоен е и Етичкиот кодекс за тестирањето, а изготвен и прифатен е и Еко-кодекс.

Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите. Се определува временски рок – прво полугодие, за најмалку едно иновирање на текстот на етичкиот кодекс на учениците, наставниците, другите вработени и родителите.

Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите (во училиштето и во училишниот двор) е даден во **Прилог 39.**

Програма за работа на Еко-патролата е дадена во **Прилог 23.**

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел да се подигне квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка на вработените во училиштето, ќе остваруваат формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето ќе се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.) Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и учениците. Повеќето ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите структури во училиштето. За таа цел ќе се реализираат обуки за подобрување на комуникациските вештини, ќе се организираат заеднички дружења, прослави, екскурзии, коктели и сл. Се формира тим составен од претставници на сите структури, кој прави анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето и ќе предложи конкретни активности.

⇨ ***<u>Училишен тим за односи меѓу сите структури во училиштето:</u>***

1. **Адријана Младеновска- директор**
2. **Сузана Филиповска-секретар**
3. **Марина Пазаркоска-психолог**
4. **Тања Златановски-педагог**
5. **Весна Димитровска-одделенски наставник**
6. **Андријана Недевска-предметен наставник**
7. **Љубица Наумовска -технички персонал**

20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Врз основа на детектираните потреби и приоритети за професионален развој на воспитно – образовниот кадар од страна на тимот за професионален развој на училиштето како и резултатот на анализата на самоевалуацијата, интегралната евалуација и следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните работници, утврдени се следниве потреби и приоритети:

- ✓ Да се подигне свеста на наставниците со цел да дадат максимален придонес во креирањето научилишната политика;
- ✓ Професионално и стручно доусовршување на наставниците;
- ✓ Организирање на обуки за работа со деца со посебни потреби и поголема соработка со дефектолог;
- ✓ Организирање на курсеви за совладување на странски јазици од страна на наставниците.
- ✓ Да се организираат соодветни интерни и надворешни обуки на наставниците за работа со ученици со посебни потреби.

Тимот за професионален развој на училиштето, изготвува програма за професионален развој за учебната година врз основа на потребите на наставниците. Училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да посетуваат обуки и семинари кои се одобрени од МОН и БРО. Редовно се вршат десиминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

➢ ***Училишен тим за професионален развој на воспитно-образовниот кадар:***

1. **Адријана Младеновска-директор**
2. **Тања Златановски-педагог**
3. **Марина Пазаркоска -психолог**
4. **Катерина Лукарова-предметен наставник**

20.2.Активности за професионален развој

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19,269/20), министерот за образование и наука донесе Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта.Според законот за наставници, наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат, затоа годинава ќе се спроведе

анкета за потреба од обуки и ќе се овозможи стручно усовршување според потребите на наставниците и нивниот професионален план за развој.

Годишната програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар е дадена во **Прилог 40.**

20.3. Личен професионален развој

Врз основа на член 3, од Правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта во делот планирање на професионалниот развој, наставникот односно стручниот соработник го пополнува секоја учебна година и го доставува најдоцна до 10 септември за тековната учебна година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма. Личниот и професионалниот развој на наставницитесе следи преку нивното професионално досие и се развива преку следење на семинари, обуки, учества на конференции, десиминации на обуки. Секоја година наставниците и стручната служба и директорот изработуваат свој Личен план за професионален развој според стандарди и компетенции за директор/наставници/стручни соработници, а потоа на ниво на стручни активи се изработува една Годишна програма на училиштето за професионален развој.

20.4.Хоризонтално учење

Во текот на целата наставна година се планираат различни активности за продлабочување на стручните знаења и зајакнување на професионалните вештини. Се одржуваат отворени часови за размена на професионални искуства, примена на новини во образованието, преку стручни активи и заедници за учење. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење и критериуми за успех.

Акциски план за хоризонтално учење

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Посета на отворени и нагледни часови	Споделување искуства	наставниот кадар, стручна служба	Во текот на цела година	Подобрена тимска работа меѓу наставниците
Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	наставниот кадар, стручна служба	Во текот на цела година	Користење соодветни ресурси во наставата

нашето училиште				

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес кој започнува со учеството на наставникот во Стручните активи каде се разменуваат искуства и нови сознанија. Согласно потребите на наставниците во оваа учебна година планирани се следните обуки:

- ✓ Работа со деца со посебни образовни потреби;
- ✓ Работа со надарени деца;
- ✓ Претприемничко учење;
- ✓ Обуки за современи приоди во наставата.
- ✓ Аплицирање на еразмус проекти;

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

План за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Посета на задолжителни семинари организирани од МОН и БРО	Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности	Обучувачи Училишен координатор	Во текот на учебната година	Стекнување нови и продлабочен и знаења од страна на наставниците
Идентификација на надарени деца	Препознавање на надарени деца, избор на соодветни методи, форми и техники за работа со нив и нивно вклучување во додатна настава	Педагог	Ноември	Примена на соодветни форми, методи и техники во работата со надарените деца Учество на натпревари

Тимска работа	Запознавање со принципите на тимска работа и улогите во тимот	Педагог	Јануари	Подобрување на училишната клима и квалитетот на воспитно образовниот процес преку примена на принципите на тимско

21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во програмата за работа на Советот на родители е наведено како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите во животот и работата на училиштето (дефекти и поправки на инвентарот, подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите). Истакнат е распоред за средби со родители и отворен ден за прием на родители.

Годишна програма за работа на Совет на родители е дaџена во прилог **Прилог 7.**

Распоред за приемни денови на родители ќе се приложи со анекс на 1 Септември (според член 15 од Правилникот за развојна и годишна програма, усвоената годишна програма може да се измени и дополнува во текот на имплементацијата).

21.2.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Секој одделенски раководител ги планира родителските средби (во годишната програма), вклученоста на родителите преку давање мислења и сугестии за дополни и измени на секаков вид планирања. Воедно постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, Советот на родители, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Значаен фактор е родителската поддршка кон наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развојот и соработката за напредување на учениците–таленти. Исто така неопходна е соработката со родителите во

⇨ Дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници;
⇨ Го разгледува извештајот за извршената самоевалуација за период 2020-2022;
⇨ Одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;
⇨Одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;
⇨Врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште;

Училишниот одбор во нашето училиште е составен од девет членови и тоа:

- Три претставника од редот на наставниците и стручните соработници:
  1. Билјана Трајановска – член
  2. Весна Кочова - член
  3. Тања Златановски - член;

- Три претставника од редот на родителите на учениците:
  1. Анета Пешевска- претседател
  2. Вања Јовановски – заменик претседател
  3. Цветанка Милоскоска - член

- Еден претставник од основачот на училиштето:
  1. Анита Велковска - член

Училишниот одбор одржува и други состаноци по потреба и решава прашања кои ќе се јават во текот на годината во рамките на своите законски овластувања.

Оперативна програма за работа на Училишниот одбор

Содржина на активностите	Време	Реализатори
Разгледување и донесување Годишната програма за работа на училиштето	VIII	Членови на Училишниот одбор, Директор
Кадровски прашања Утврдување на состојбата со сотојбата на работните места, технолошки вишок, вишок на часови според Законот за основно образование, Закон за работни односи, Колективен договор	VIII – IX	Членови на Училишниот одбор, Директор
Разгледување на одредени измени и дополнувања во ЗОО	Тековно	Членови на Училишниот одбор, Директор
Формирање Пописна комисија	XI	Членови на Училишниот одбор, Директор

Предлагање и назначување на нов член во УО и избирање претседател.	XII-I	Членови на Училишниот одбор
Распишување на оглас и предлог за избор на Директор.	Тековно	Членови на Училишниот одбор
Отпис и расходување на искршен, амортизиран, непотребен инвентар.	Тековно	Членови на Училишниот одбор, Директор
Донесување одлука за набавка и користење основни средства.	Тековно	Членови на Училишниот одбор, Директор
Разгледување на елаборатот од Пописот	I –II	Членови на Училишниот одбор, Директор
Разгедување на Правилници, акти и други прописи и навно усогласување со законската регулатива	Тековно	Членови на Училишниот одбор, Директор
Анализа на извршените санации и потребните тековни и инвестициони вложувања	Тековно	Членови на Училишниот одбор, Директор
Разгледување на финансовиот извештај и други извешти кои се однесуваат на материјално - финансовото работење во училиштето	I –II	Членови на Училишниот одбор, Директор
Разгледување и усвојување на годишната, завршна пресметка за материјално - финансовото работење на училиштето	I-II	Членови на Училишниот одбор, Директор и Книговодител
Усвојување на Извештајот за работата на училиштето во – I полугодие	I-II	Членови на Училишниот одбор, Директор
Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето на крајот од учебната година	VI-VIII	Членови на Училишниот одбор, Директор
Евалуација на развојните цели на училиштето	Во текот на целата година	Директор
Одлучување по приговори и жалби	Во текот на целата година	Членови на Училишниот одбор

Изработил
м-р Адријана Младеновска - директор

ПРИЛОГ 7

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

- ***Организирање на родителите*** - Родителите во нашето училиште се организирани во :

  - ☒ **Совет на одители на ниво на паралелка;**
  - ☒ **Совет на родители на ниво на училиште;**

СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ НА НИВО НА ПАРАЛЕЛКА

Во училиштето работат вкупно 36 паралелки од 1 - 9 одделение. Секоја паралелка има родителски одбор од два члена и претседател. Се работи според програма при што акцент се става врз активно вклучување на родителите во сите позначајни активности кои се организираат на ниво на училиште.

СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

По еден претставник од совет на родители на ниво на паралелка (претседателот) се избрани во советот на родители на ниво на училиште. Овој совет брои 36 члена, се работи според годишната програма за работа на Совет на родители и Деловникот за работа на совет на родители. Задачите на овој совет се да води грижа за задоволување на потребите на учениците на ниво на училиштето, правилно користење на слободното време на учениците, соработка со наставниците, подобрување на успехот и поведението на учениците и сл. Двајца претставници од Советот на родителите ќе бидат вклучени во Училишниот одбор како орган на управување на училиштето.

- **Советот на родителите ги врши следните работи:**

  - ☒ Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
  - ☒ Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
  - ☒ Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници – родители;
  - ☒ Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и сл.

- ☒ Советот на родители избира свои претставници во Училишниот одбор;
- ☒ Учествува во изборот на агенција и маршута за екскурзии;
- ☒ Врши и други работи во интерес на успешноста на работата;

Оперативна програма за работа на
Совет на родителите

Содржина на активностите	Време	Реализатори
Административно - правни работи		
Конституирање на Советот на родители.	IX	Директор, Стручна служба, Совет на родители
Разгледување на Годишна програма за работа на Советот на родители во учебната 2025/2026 година	IX	
Теми од образовната дејност		
Измени дополнување на Законот за основно образование на Р.С.Македонија	Тековно	Директор, Стручна служба, Совет на родители
Измени и дополнување на нставните планови и програми по наставни подрачја.		
Тековни и нови Проекти - цел и предности.		
Родителски средби, одбирање теми и реализирање работилници (со родителите)	Тековно	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Воспитни теми		
Запознавање со куќниот ред и негово почитување.	IX	Наставници
Запознавање на родителите со Правилникот на училиштето западагошки мерки - награди, пофалби и казни.	IX	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Подобрување на успехот на учениците, мотивација за учење и поголемо постигнување.	Тековно	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Консултативни теми и предавања		
Презентирање стручни теми.	Тековно	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници, надворешни консултанти
Предавања кои ќе се однесуваат на било какви промени во воспитно-образовната дејност.	Тековно	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Стандард на учениците		
Исхрана на учениците.	IX	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Ученички екскурзии -избор на членови за комисија за избор на најповолна понуда -мислење за програмата и извештајот во согласност со Правилникот за екскурзии од МОН.	VIII, IX	
Зимувања и летувања.	V, VI	
Посети и набљудувања.	IX - VI	
Училишно фотографирање.	XII, V	
Полуматурска вечер.	VI	

Подобрување на условите за работа на училиштето - Набавка на наставни средства -Уредување на училишниот простор.	IX – VI	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Хуманитарни работни акции		
Собирни акции.	Тековно	Директор, Стручна служба, Совет на родители, наставници
Помош на учениците кои се социјално загрозани.		
Хигиена и уредување на просторот во училиштето.		

Изработил
м-р Адријана Младеновска - директор

ПРИЛОГ 8

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Во Наставничкиот совет како највисок стручен орган на Училиштето членуваат сите вработени наставници и стручниот соработник. Преку него се води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на Училиштето. Состаноците на Наставничкиот совет ги планира и со нив раководи директорот на Училиштето. Во текот на учебната година советот ќе одржи најмалку шест состаноци. Наставничкиот совет има значајни задачи во остварување на воспитно – образовната работа кои произлегуваат од дејноста и потребите на училиштето.

➢ ***Наставничкиот совет во текот на учебната година ќе работи во согласност со неговите ингеренции кои се однесуваат на* организација на воспитно-образовната дејност, планирање на воспитно-образовната дејност, унапредување на наставата и стручно усовршување на наставниот кадар. Поточно:**

→ Дава мислења по предлогот на Развојна програма и на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување;
→ Предлага членови за училишен инклузивен тим и други тимови во училиштето;
→ Го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи;
→ Им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште;
→ Го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување;
→ Донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки,
→ Го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки;
→ Расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа;
→ Дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето,
→ Избира претставници во училишниот одбор;
→ Дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето;
→ Го разгледува годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки;
→ Учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните;
→ Соработници за напредување во звањата ментор и советник;
→ Одлучува за воспитни мерки и врши и други работи утврдени во статутот на училиштето;

5.Разгледување на анализи, извештаи и друг вид доставен материјал врзан за реализација на наставно-воспитниот процес во Училиштето.

1. Редовно водење на педагошка евиденција и документација:

Програмата за работа на Наставничкиот совет не е статична туку претставува предлог рамка околу која тековните случувања ќе го надополнат, изменат и унапредат дневниот ред.

Програма за работа на Наставничкиот совет

Содржина	Цели	Реализатор	Време на реализација
Организирање на воспитно-образовната дејност-поделба на часови	Успешна реализација на воспитно-образовната работа	Директор	Август
Разгледување и усвојување на Годишната програма		Директор Педагог	Август
Осврт на активностите во рамките на досегашните проекти	Да се увидат резултатите од истите	Педагог Одд.раков I-IXодд.	Септември Октомври
Осврт на увидите од посетените наставни часови	Подобрување на квалитетот и иновирање на восп.обр. процес	Директор	Ноември
Анализа и утврдување на успехот и поведението на тромесечие	Подобрување на успехот и поведението кај учениците	Директор Педагог	Ноември Април
Осврт на тековните активности за одбележување на патрониот празник, подготовка за натпревари	Успешно реализирање на планираните активности	Директор Наставници	Ноември
Утврдување и анализа на успехот и поведението на крајот на I-полугод. и крај на учебна година	Степенот на реализација на воспитно-обр. работа	Директор Педагог	Декември Јуни
Договор за почеток на второто полугодие	Утврдување на конкретен распоред на активности	Директор Педагог Наставници	Јануари

Анализа на реализацијата на содржините од воннаставните активности	Степенот на реализацијата на содржините	Директор Педагог	Февруари
Договорни активности за настава во природа, екскурзии, натпревари	Успешно планирање на активностите	Директор Педагог Наставници	Март
Резултати од учество на натпревари, одлука за прогласување на првенци на генерација, организација на продолжителна настава	Сознанија за постигнатите резултати	Директор	Јуни
Анализа и усвојување на годишниот извештај за работата на училиштето	Запознавање со резултатите, заклучоците и насоки за идната учебна година	Директор Педагог	Јуни

Изработил
м-р Адријана Младеновска - директор

ПРИЛОГ 9

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКИОТ СОВЕТ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Цели	Содржина	Реализатор	Форми	Време	Ресурси	Ефекти
Успешна реализција на ВОП	Годишно планирање на наставниот материјал	Директор наствници	Панел дискусија	Август	Досегашните сознанија и барања од подрачниот инспекторат	Подигнување на квалитетот на наставата
Успешна реализција на воспитно образ. процес	Формирање на паралелки, распределба на наставни предмети и одд. раководства	Директор	Дискусија	Август	Искуства, семинари, стручни материјали од БРО	Подигнување на квалитетот на наставата
Успешна реализција на воспитно образ. процес	Распоред на часови	Директор одговорни наставници	Дискусија	Август	Извештаи стручни лица одБРОПедагошки карактер за распоред	Обезбедување на основни педагошки услови за работа
Унапредување на воспитно образовната. работа	Мерки за почитување на училишниот ред	Директор Наставници педагого	Дебата заклучоци	Септември -Октомври	Предлог задолженија на наставници	Подинување на квалитетот на наставата и подобрување на дисциплината услов
Формирање на општата слика за успехот и	Анализа на успехот и поведението во првото	Директор наставници педагог	Писмени извештаи пленарна активност	Декември	Статистички извештај	Помош и соработка во надминувањето на

поведението на учениците	тромесечие педагошки мерки					проблемите Н-У и Н-Р
Вклучување народителите во работата на училиштето	Родитески средби	Директор наставници	Писмени извештаи	Септември Ноември Јануари април јуни	Практични согледувања	Поголема соработка со родителите
Подобрување на резултатите во текот на второто полугодие	Анализа на успехот и поведението на крајот од првото полугодие Советување на родителите	Директор педагог наставници	Писмен извештај панел дискусија	Декември	Извштаи од реализацијата на поодделни програми директор педагог стручни органи	Воочување и вградување на некои промени во реализацијата на Годишната програма
Намалување на изостаноците од нередовно посетување на наставниот процес	Анализа на неоправданото изостанување од настава и откривање на причините	Директор педагог наставници	Анализа Пленарна активност	Април	Следење на работата посета на часови анкета со ученици	Подобрување на успехот
Анализа на постигнатите резултати	Анализа на успехот и поведението	Директор Педагог	Статистички извештај	Јуни	Статистички извештаи од одделенија	Подобрување на успехот и квалитетот

Изработил
м-р Адријана Младеновска-директор

ПРИЛОГ 10

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА РАБОТА НА СТРУЧНИ АКТИВИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Во училиштето функционираат три активи. Стручните активи ги сочинуваат наставници од еден, два и повеќе сродни наставни предмети, во предметна настава, а во одделенска настава сите одделенски наставници.

- **Стручни активи во ООУ„Дане Крапчев”:**

  - ✓ Стручен актив во Одделенска настава;
  - ✓ Стручен актив Хуманитарна група на предмети;
  - ✓ Стручен актив Природна група на предмети;

Задача на стручните активи е да расправаат за подготовката на наставниците, реализацијата на наставните програми, користење и примена на образовната технологија, сопствено стручно усовршување преку теоретски предавања, соработка со други стручни активи и други активности.

План за работа на Стручните активи

Стручните активи ги сочинуваат сите одделенски и предметни наставници.

- **Активите ги разгледуваат следните прашања:**

  - ⇨ Унапредување на наставата и другите облици на воспитната-образовно работа по поедини предмети, по години и вкупно по Плановите и Програмите кои се реализираат во училиштето;
  - ⇨ Планирање на наставата, часови, наставни денови, интерни семинари, панел дискусии;
  - ⇨ Ја координираат работата на наставниците и се залагаат за примена на современи наставни достигнувања и наставни средства, нивна изработка во училиштето во рамки на наставни предмети или подрачја;
  - ⇨ Разгледуваат стручни и методски проблеми во врска со реализацијата на наставниот материјал односно нагледни предавања и разгледуваат статии во стручниот печат, работат на изедначување на критериумите за оценување на учениците, менторско профилирање на наставниот кадар;
  - ⇨ Вршат размена на искуства со други училишта;
  - ⇨ Даваат мислење до Наставничкиот совет за работата на наставниците, односно стручниот соработник, кои се предложени за звања, признанија или награди;

ПРИЛОГ 10/а

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧЕН АКТИВ -ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ЗА УЧЕБНА 2025/26 ГОДИНА

Време на реализација	Содржина	Цел	Реализатор	Одд	Ресурси	Очекувани резултати
Август	1. Конструирање на раководство и поделба на активности 2. Подготовка на годишни планирања по одделенија и програма на Одделенскиот актив 3. Учество во изработката на Годишната програма на училиштето 4. Изготвување програма по повод прием на првачиња	-Избор на ново раководство; -Проверка и корекции на постоечките годишни програми по одделенија; -Изработка на програми за потребите на Г.П. на училиштето; -Договор за приредба	Наставници по одделенска настава од I – V одд.	-Наставен план и програма за сите одделенија од БРО, дополнителна литература, -Постоечки годишни програми	-Изработени годишни програми по одделенија; -Изработени програми за потребите на Г.П. на училиштето; -Изработена програма за прием на првачиња во новата учебна година	-Изготвени годишни оперативни планирања по одделенска настава, записник; -Изготвена годишна програма за работа на училиштето, записник; -Фотографии од реализирана приредба, записник

Септември	1. Приредба за учениците од прво одделение - прием на првачиња 2. Објективни тестови на оценување	Пригодна точка за прием на првачиња и зачленување во Детската организација -да се поттикнат наставниците да изработуваат и применуваат објективни тестови на оценување	Наставници по одделенска настава од I – V одд. -Наставници од актив на **IV** одд.	-презентација	-наставниците од одделенска настава применуваат објективни тестови на оценување	-фотографии од реализирана приредба -записник -записник
Октомври	Изготвување програма по повод прием на првачиња во Детската организација;	-Да се предвидат активностите за одбележување на седмицата на Детската недела за учениците од I – V одд;	-Наставници по одделенска настава од I – V одд.	-Изработена програма со активности за пет дена во соработка на активот;	-Реализирани активностите за седмицата на Детската недела;	-изработена програма; -записник; -фотографии
Ноември	Работилница за емоционална интелигенција кај ученици	Подобрување на училишната клима	Наставници од актив на **V** одд	Прирачник за животни вештини, едукативни видеа	Учениците подобро ги препознаваат и контролираат емоциите	Изработки од ученици, анкети

Декември	Споделување добри практики – инклузивна настава (Дидактички прилагодувања, индивидуализиран и пристапи)	Подобрување на пристапот до ученици со посебни образовни потреби	-Наставници од актив на **II** одд.	Прирачници за ИОП, искуства од наставници, логопед/специјален едукатор	Подобрено прилагодување на наставата	Примери од пракса, ИОП шаблони
Јануари	Анализа на резултатите од работата на активот во прво полугодие	Да се согледаат резултатите од реализираните активности	-Наставници по одделенска настава од I – V одд.	/	- Активна вклученост на наставниците и стручната служба во активностите во прво полугодие	- записник
Февруари	Развој на вештини за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и домашни услови.	- Развивање на свест за децата со малигни заболувања - развој на вештини за работа	-Наставници од актив на **III** одд.	презентација	- Активна вклученост на наставниците и стручната служба во темата	Презентација
Март	Подготовка на заеднички проект или приредба: „8 Март – Денот на мајката“ или „Добредојде Пролет“ Поделба на задачи (рецитации, музика, панои,	Наставниците да се вклучат во заеднички проект или приредба	-Наставници по одделенска настава од I – V одд.	/	Наставниците се вклучуваат во заеднички проект или приредба	-фотографии од реализирана приредба -записник

	драматизации)					
Април	Активна настава преку игри и движење	Наставниците да се запознаат со конкретни игри и активности кои ги активираат учениците ментално и физички (brain breaks, активности во двојки, играни улоги и др.).	-Наставници по одделенска настава од I – V одд.	-Кратка презентација -Демонстрација на 2–3 игри -Размена на примери од пракса	- Наставниците применуваат игри и активности за ментално и физичко активирање на учениците	- фото и видео документи - записник
Мај	Едукативни игри за прво одделение	-наставниците да ги применат едукативните игри во настава	Актив на **I** одделение	- презентација -дидактички материјали	-наставниците ги применуваат едукативните игри во настава	-записник
Јуни	1.Анализа на работата на стручниот актив за 2025/26 год.	-Преку анализа на целокупната работа на активот да се воочат позитивните промени и примена на наученото во пракса	-Педагог, психолог, дефектолог и наставници од I – V одделение, директор	-Годишни оперативни планирања по одделенска настава; -Годишна програма за работа на училиштето; -Лични	-Стекнатите знаења и вештини според програмата на активот на одделенски наставници се во целост усвоени и практично применети	-Извештај од работата на стручниот актив за 2025/26 год.

				професионални планови на наставниците;		

Претседател: Весна Стојковска
Записничар: Емилија Блажевска

ПРИЛОГ 10/б

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ-ПРИРОДНА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Време на реализација	Содржина	Цел	Реализатор	Одд	Ресурси	Очекувани резултати	Доказ
Август	Подготовка на годишни планирања по предмети	Проверка и корекции на постоечките годишни програми по предмети;	Наставници од природната група на предмети од предметна настава од VI – IX одделение	/	Наставен план и програма за сите предмети од БРО, дополнителна литература, постоечки годишни програми и сл.	Изработени годишни програми по предмети	Годишни оперативни планирања од предметна настава;
Септември	Наследен час по географија: Брегова разгранетост на Европа	- да ја опишува бреговата линија на Европа;	Маја Величковска	8 одд.	-физичко-географска карта на Европа, нема карта, учебник	Учениците ги препознаваат поголемите острови, полуострови, морија, заливи	- подготовка, нема карта, инструменти за следење

Октомври	Нагледен час по математика: Решавање линеарни равенки	-да решава линеарни равенки и да врши проверка на решението на равенка; -составува текст соодветен на дадена равенка; -составува равенка според даденна ситуација опишана со зборови.	Билјана Стојановска	8 одд.	- тест подготвен во K-educa, индивидуални контролни задачи со пет нивоа на сложеност, решенија на зададените задачи со аналитичка листа за оценување, листа за групно самооценување со критериуми за постигањата на учениците,	-подобрување во постапките на ефективно решавање проблеми, -вклучување на учениците во самооценување; -да се согледа како оценувањето на секоја фаза од реализацијата на часот ќе влијае врз квалитетот на активностите на учениците.	Подготовка, работни листови

Ноември	Нагледен час по хемија: Хомогени и хетерогени смеси ,масен удел и волуменски удел	- -да приготвува различни хомогени и хетерогени смеси и ја објаснува разликата меѓу хомогена и хетерогена смеса. - да научи дека компонентите во смесата го задржуваат својот хемиски идентитет.	Елена Томевска	7 одд.	Примероци од чисти супстанци: готварска сол, шеќер, кристали од син камен, бакар, железо, алуминиум, сулфур, вода, алкогхол, масло и сл. Лабораториски прибор:стаклени чаши, стаклени прачки, лажички... Работни листови	-приготвува и ја објаснува разликата помеѓу хомогени и хетерогени смеси -воочува дека компонентите во смесата го задржуваат својот хемиски идентитет	Подготовка, работни листови
Декември	Нагледен час по биологија : Хемиско варење на храната	-ја разбира функцијата на ензимите како биолошки катализатори во разградувањето на храна до едноставни хемикалии (соединенија)	Бојана М.Личева	8 одд.	Ножици и картонска цевка (пр. од средината/внатрешноста на ролна тоалетна хартија). https://www.tes.com/teaching-resource/enzyme-animation-6167466	-знаат што значи хемиско варење на храната,што се ензимите -објаснаат за ензимите и кој ензим која хем.реакција ја забрзува	- Подготовка

					(потребна е бесплатна регистрација)		
Јануари	Прва психолошка помош-како да се помогне на ученик во криза	Стекнување основни вештини за прва психолошка помош и психосоцијална поддршка	Марина Пазаркоска-психолог	/	Соодветна стручна литература	Соодветно справување и реагирање на учениците и возрасните во кризни ситуации	Извештај од реализирано предавање-листа на присуство
Февруари	Наставен час по техничко образование и информатика: Креирање програми во Scratch со разгранета структура и променливи	- препознаат и применат разгранета структура (if/else); -креираат и користат променливи во Scratch; -визуелно го прикажат резултатот на сцената во зависност од изборите;	Марина Пејковска	6 одд.	-Scratch платформа (https://scratch.mit.edu) -Работен лист со активности -Формулар за евалуација	-ученикот користи барем една разгранета структура; -употребува променлива чија вредност се менува низ текот на приказната; -креира логичка и интересна интерактивна приказна;	Завршен Scratch проект Взаемна евалуација (табела); Усна повратна информација

Март	Нагледен час по физика: Магнети,својства и примена	-да ги разбере и осознае својствата на магнетите	Александра Стојчевска	9 одд.	Магнети Железни струготини Хартија	-ги препознава и ги воочува магнетните својства -ја објаснува насоката на магнетното поле	Подготовка
Април	Нагледен час по техничко образование : Сообраќајни средства на електричен погон	-да ја разберат предноста на електричните велосипеди и тротинети споредено со обичните и предноста на електричните возила споредено со возилата што користат гориво во поглед на загадувањето на животната средина.	Фросина Јанакиевска	5 одд.	Смарт табла, интернет	-прават споредба помеѓу средства на електричен погон и обични превозни средства	Подготовка

Мај	Нагледен час по природни науки : Синџири на исхрана	-да научи како се движи енергијата низ синџирот и низ пирамидата на исхрана. -да идентификува трофичко ниво на организмот во мрежа на исхрана.	Душанка Китановска	6 одд.	Слики од живи организми од различни живеалишта Работни листови Компјутер ЛЦД проектор Презентација	-опишува како се движи енергијата низ синџирот и низ пирамидата на исхрана. - идентификува трофичко ниво на организмот во мрежа на исхрана	Подготовка
Јуни	1.Анализа на работата на стручниот актив за 2024/25 год. 2. Избор на ново Раководство 3. Подготовка на програмата на стручниот актив за	-да се анализира целокупната работа на активот	Наставници од природната група на предмети од предметна настава од VI – IX одделение Педагог Директор	/	Подготовки, употребени наставни листови, инструменти за следење.	Усвоеност и примена на нови знаења и вештини кај преметните наставници од природната група предмети	1. Извештај од работата на стручниот актив на природната група предмети за 2025/26годи на 2. Изготвена

	наредната учебна година						годишна програма на стручниот актив

Претседател: Елена Томевска
Записничар: Маја Величковска

ПРИЛОГ 10/в

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ-ХУМАНИТАРНА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Време на реализација	Содржина	Цел	Реализатор	Одд	Ресурси	Очекувани резултати	Доказ
Август	1.Подготовка на годишни планирања по предмети и програма на хуманитарна група на предмети. 2.Учество во изработката на Годишната програма на училиштето.	Проверка и корекции на постоечките годишни програми по предмети; Изработка на други програми за потребитена Г.П. на училиштето (Еко, МИО, Стручен актив и сл.)	Наставници од хуманитарната група на предмети од предметна настава од VI – IX одделение Педагог	/	Наставен план и програма за сите предмети од БРО, дополнителна литература, постоечки годишни програми и сл.	Изработени годишни програми попредмети, изработени други програми за потребитена Г.П. на училиштето (Еко, МИО, Струченактив и сл.)	Годишни оперативни планирања од предметна настава; Годишна програма за работа на училиштето;
Септември	Работилница за составување прашања за писмена проверка на учениците	Да се подобрат вештините околу правилно составување/креирање прашања при писмена	Елена Малинова	/	Презентација за составување прашања од Државно тестирање на ученици Стандарди за	Да се подобрат вештините околу креирање прашања за писмена проверка на учениците	

		проверка на учениците			оценување Примери од тестови со прашања по различни нивоа од државно тестирање		
Октомври	Интеграција на Вештачката интелигенција во наставата	Да се запознаат наставниците со можностите што ги нуди вештачката интелигенција	Анета Митевска	/	Дисеминација на обука	Подобрување на вештините на наставниците за користење на ВИ во подготовка и реализација на часовите	
Ноември	Лексички единици: Училиште: a board, a clock, a ruler, a crayon, a desk, a glue, scissors	Да ги идентификува и разликува лексичките единици поврзани со училишната средина, облеката и дводимензионалните геометриски форми (облици) по кус слушнат исказ	Минела Фиуљанин - Мустафиќ	2	Флешкарти,интернет,	Самостојно репродуцирање и идентификување на лексичките единици од областа на учичиште	Материјали од часот сценарио
Декември	Декември-Celebrations	Да се откријат нови култури и	Катерина Лукарова	9-2	Интернет	Развиена свест за	Материјали

		обичаи				мултикултурализам	од часот
Јануари Февруари	Говор	Да се оспособат аргументирано да дискутираат со стилски збогатени реченици;	Марија Шереметкоска	8-1 одд.	техничка опрема наставни листови	Ги знае карактеристиките на говорот како форма за изразување согледани преку пример	Материјали од часот
Март	Нагледен час по ликовно образование Тема: Дизајн и визуелни комуникации во 3Д	-Применува техника декупаж	Марија Н. Наневска	6 одд	-глинени садови, стаклени или пластични шишиња, стаклени или пластични тегли, пластични кутии -салфетки, декоративна хартија, платна, волници, јажиња, темперни бои, маркери и сл. - -лепак, ножици и др.	--да применува техника декупаж -да развива креативност при творењето на ликовни творби; - да развива мануелни вештини	-изработки од часот -дневна подготовка
Април	Нагледен час по Граѓанско образование	-Да го идентификува штетното	Магдалена Павлеска	9 одд.	Компјутер Презентација Работен налог	-Разликува приватен од јавен интерес и	

	Тема:Граѓанинот и државата Содржина:Владеење на правото и правната држава	влијание на корупцијата за развојот на личноста, групата и општеството. -Да анализира механизми за спречување на корупцијата и заштита од коруптивни дејства.			Прирачник за наставници	наведува примери на неетичност во својата средина. -Оценува дека секој чин кој има за цел лична добивка на штета на другиот е незаконски	
Мај	Празници во Франција и Македонија	Откривање на нови култури	Наташа Апостолова	8 одд	Интернет,презентација ,компјутер	Да се развие свест за различни култури	Материјали од часот
Јуни	1.Анализа на работата на стручниот актив за 2025/2026 год.	Да се анализира целокупната работа на активот	Наставници од хуманитарната група на предмети од предметна настава од VI – IXодд. Педагог Директор	/	Подготовки, употребенинаставнилистови, инструментизаследење.	Усвоеност и примена на нови знаења и вештини кај преметните наставници од хуманитарната група предмети	Извештај од работата на стручниот актив на природната група предмети за 2025/2026 година

Претседател: Анета Митевска
Записничар: Катица Стојчевска

ПРИЛОГ 11

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ХОР ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- Да создава навика за редовност и точност;
- Да ги развива творечките способности, етичките и естетските вредности;
- Да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- Да развива способност индивидуално вокално интерпретирање;
- Да ги почитува дадените упатства на диригентот и менторот;
- Да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- Да проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- Да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект ;
- Да учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко;
- Да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- Да развива љубов кон пеењето;
- Да интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи;

Образовен процес-структура на содржини

Задачи	Цели:	Дидактички насоки		Инструменти	Начин на	Временска
Обработка на композиции	Посебни цели:	Активности Ученикот:	Активности Наставник:		спроведување(Ресурси)	рамка
Аудиција	- одредување на музикалноста – квалитетот на гласот; - тонски распон на гласот;	- Пеење на мелодиско – ритмички мотиви во различни тоналитети - Интерпретација на песна по свој избор; - Интерпретација на задолжителна песна;	- организирање на аудиција и реаудиција на членовите на хорот; -распејување -заедничко пеење; -индивидуално пеење; -нотен запис на песната „Билјана платно белеше“ подобна поради дијапазонот децима.	Разговор, Евидентен лист за присутност; листа за проценка на музикалност.	Кабинет по музичко, Клавир - синтисајзер	септември во текот на целата учебна година
Усвојување на основи на вокална техника, демонстрација и примена на вежби за распејување и дишење.	- примена на правилен пеачки став, правилно дишење и поставка на вокал; - развивање на вокалната техника; - примена на различно темпо, динамика; - презентација	- пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал; - пее вежби за развивање на вокалната техника; - применува вежби за правилен пеачки став, - применува различно темпо и динамика; - презентира креативна и естетска вокална интерпретација; - прави избор на	-објаснува за основните елементи на вокалната технока; -демонстрира вежби за распејување; -објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи; -објаснува за постоењето на внатрешниот слух; -дискутира за пеењето со образложение и физиолошката и интелектуалната дејност,	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	септември октомври во текот на целата година

	на креативна и естетска вокална интерпретација	програма;	потребата за емоционално доживување што треба да допрат до свеста и душата на интерпретаторот и слушателот			
Обработка на: Химна на РСМ Народни песни и канони „Ако одам во Битола“	-усвојува правила за изведба на свечена песна - химна - го проширува репертоарот на народни песни, дел од фолклорното наследство	- усвојува ритмичко мелодиска целинба - применува правилна интерпретација со соодветно темпо и динамика - го доживува карактерот на композициите и презентира правилна изведба;	-објаснува за поимот химна – свечена песна; -дава напатствија за интерпретација на народни песни; Демонстрира правилна вокална интерпретација; -одредува интонација, темпо, динамика, внимава на правилна интонација и јасна дикција.	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	октомври ноември
„Мама Миа“ АББА	- пее традиционални странски песни	-да демонстрира правилна двогласна и	-објаснува за карактерот на песната;	Разговор, Демонстрација;	Кабинет по музичко;	ноември декември јануари
	преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи - применува повеќегласна интерпретација	тригласна вокална интерпретација; - да применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата;	-објаснува за традицијата на пеење на празнични песни; Демонстрира интерпретација со различни вокални техники; -одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.	евидентен лист за присутност; листа на проценка.	нотен материјал; синтисајзер	
Обработка на	-развива колективен	- демонстрира правилна двогласна и	- објаснува за фолклорната традиција;	Разговор, Демонстрација;	Кабинет по музичко;	февруари март

задолжителни композиции за натпревар	интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;	тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика; да го доживее карактерот на композицијата; -стекнува искуство за јавна изведбена активност;	-дискутира за потребатата од негување и пеење народни песни - демонстрира правилна вокална интерпретација; -одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.	евидентен лист за присутност; листа на проценка.	нотен материјал; синтисајзер	април
Хорски натпревари	Репрезент на финалната работа на хорската настава - се стекнува со искуство на јавен настап(во училиштето, локалната средина и пошироко);	- Учествува во јавен настап со целосна одговорност и посветеност за успешна изведба; -ќе се стекне со натпреварувачки дух; - учествува на манифестација за која ќе даде критички и самокритички осврт; -ќе се дружи; - ќе учествува и ќе даде придонес на крајниот репрезент на својата и заедничката работа на училишниот хор.	- ја финализира работата на активностите на хорот -ги подготвува учениците за јавен настап, натпревар; - раководи со хорот на јавниот настап; -Ги усогласува сите елементи на хорската изведба; - Внесува свое доживување и чувство;	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка; слики; награди-диплома	Свечена сала за проби, кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер.	април мај
Актуелни поп мелодии	- развива љубов кон пеењето; - интерпретира композиции преку кои ќе се	- демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; - применува соодветно темпо и динамика;	-објаснува за композицијата и животот и творештвото на композиторот; -прави анализа на текст; - демонстрира правилна	Разговор, Демонстрација; евидентен лист за присутност; листа на проценка	Кабинет по музичко; нотен материјал; синтисајзер	мај јуни

	запознае со творештвото и културата на други народи	- го доживува карактерот на композицијата;	вокална интерпретација; -одредува интонација, темпо, динамика, -внимава на правилна и јасна дикција.			

Забелешка: Во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработат композиции според потребите интересот, желбите и можностите на хорските пејачи.

Организација на хорската настава

Часовите по ХОР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на композициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот хор може да членуваат ученици од VI, VII , VIII и IX одделение, согласно интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на хорските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

Наставни методи и активности

Во остварувањето на целите на училишниот ХОР ќе се применуваат наставни форми и методи:

- истражувачка
- проблемска
- фронтална
- групна
- индивидуална
- разговор
- дискусии
- практична работа
- демонстративна и други.

Одговорен наставник
Ванчо Јовчев

ПРИЛОГ 12

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Целта на училишниот оркестар е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела и лична и колективна афирмација во училиштето и надвор од него.

Цели кои треба да се постигнат:

- да создава навики за редовност и точност;
- да се развиваат творечките способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на инструментални композиции;
- да развива способност за колективно инструментално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот/менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на инструментална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за инструментална интерпретација и запознавање со културите на другите народи

Задачи		**Дидактички насоки**				
Композиции и технички содржини за обработка	**Посебни цели:**	**Активности Ученикот:**	**Активности Наставник:**	**Инструменти**	**Начин на спроведување (Ресурси)**	**Временска рамка**
Аудиција	- одредување на музикалноста – техника на свирење; - степен на обученост за свирење на инструменти	- демонстрира ритмички и мелодиски вежби. - Презентира ритмичка интерпретација; - демонстрира инструментална изведба по свој избор - да поседува елементарни знаења од музичката писменост	- организира аудиција на членови во училишниот оркестар -врши проверка на знаењата на учениците од областа на музичката писменост - демонстрира ритмички и мелодиски вежби.	Разговор, Евидентен лист за присутност;листа за проценка на музикалност.	Кабинет по музичко, Клавир - синтисајзер	септември во текот на целата учебна година
Видови, технички можности и начин на свирење на ДМИ	- ги проширува теоретските знаења во областа на свирење на жичаните трзачки инструменти; - развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на жичаните трзачки инструменти;	- учи за поделбата на жичаните трзачки инструменти - препознава трзачки инструменти по навната звучност, - дискутира за секој инструмент од групата на жичаните трзачки инструменти - свири на мандолина-мандола-гитара или бас.	-Презентира жичаните трзачки инструменти; -објаснува за поделбата на жичаните трзачки инструменти; -демонстрира слики, аудио и видео снимки со примена на жичаните трзачки инструменти и др. вид на инструменти	Разговор, усна презентација; Евидентен лист за присутност;листа за проценка на музикалност.	-Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструменти	септември

Видови, технички можности и начин на свирење на блок флејти, металофон,	- усвојува нови знаења; - развива творечките способности, етичките и естетските вредности	-препознава видови на блок флејти; -усвојува техника на свирење на блок флејта; -демонстрира технички вежби; -демонстрира вежби за секој тон	- презентира видови на блок флејти - демонстрира и објаснува техники на свирење - презентира правилен начин на свирење и држење на инструм.	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко, блок флејти,но тен материјал	септември октомври,
ксилофон, мелодика			- презентира мелодиски и ритмички вежби			
Химна на ЕУ „Ода на радоста“	- усвојува и презентира правила за изведба на свечена песна - химна - учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко	- интерпретира празнични композиции; - презентира правилна изведба - стекнува искуство за заедничко музицирање, - чувствува задоволство од изведбата на свечени песни;	- врши поделба во групи - демонстрира мелодиска и ритмичка делница; -реализира посебни и заеднички проби; -дава потребни сугестии и насоки за правилна и естетска изведба;	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	-Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмен ти, нотен материјал	октомври ноември
Канони и обработки на народни песни	- се здобие со искуство за двогласно свирење - демонстрира правилна изведба на канонската мелодија	- усвојува поим канон; - свири канонска мелодија; - свири и следи втора мелодија	-објаснува поим канон и начинот на изведба -демонстрира канонска мелодија, демонстрира канонска изведба	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност; листа на проценка.	Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмен ти, нотен материјал	ноември декември.
МУЗИЧКИ МОМЕНТ“ - од Франц Шуберт „Баркарола “од опера та	-развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ - интерпретира композиции преку кои ќе се запознае	- интерпретира празнични композиции; - презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба; -учествува во заедничко музицирање,	- врши поделба во групи - демонстрира мелодиска и ритмичка делница; -реализира посебни и заеднички проби; -дава потребни сугестии и насоки за правилна и	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;лис та на проценка.	Кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмен ти, нотен	Ноември, декември, јануари

ОБЕРОН-од К.М.Вебер	со творештвото и културата на другите народи	- чувствува задоволство од изведбата на народни песни или композиции инспирирани од народниот фолклор; - свири композиции од светската литература	естетска изведба;		материјал	
Обработка на задолжителни композиции за натпревари Обработка на композиции од познати автори	- развива способност индивидуална инструментална интерпретација; - почитува дадени упатства на диригентот и менторот; - ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката; - ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;	- интерпретира популарни композиции; - презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба - стекне искуство за заедничко музицирање, - чувствува задоволство од својата интерпретација; - презентира изведба пред публика	- врши поделба во групи : 3 групи за мелодиски и една група за ритмичка придружба; - демонстрира мелодиска и ритмичка делница; -реализира посебни и заеднички проби; -дава потребни сугестии и насоки за правилна (темпо, динамика, карактер итн) и естетска изведба	Разговор, усна повратна информа ција; Евидентен лист за присутност;лис та на проценка.	Свечена сала, кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал	Февруари, март
Јавни настапи оркестарск и смотри-натпревари	развива способност за индивидуална инструментална интерпретација - интерпретира композизии и учествува на натпревар преку кој се афирмира себе и училиштето	- јавно настапува пред публика; - се залага за успешен јавен настап; - свири со задоволство, за разонода и забава, интерпретирајќи композиции од светски автори	-реализира посебни и заеднички проби; -дава потребни сугестии и насоки за правилна и финална интерпретација; (темпо, динамика, карактер итн).	Усна повратна информа ција; Евидентен лист за присутност;лис та на проценка; слики; награди – диплома.	Свечена сала, кабинет по музичко, -жичаните трзачки инструмен ти, нотен материјал	Април – мај

Свирење на композиции по избор	- развива љубов кон свирењето;	- чувствува задоволство од својата интерпретаира по својо избор;	дава потребни сугестии и насоки за правилна (темпо, динамика, карактер итн) и естетска изведба	Евидентен лист за присутност; слики.	кабинет по музичко, ДМИ, нотен материјал	Мај, јуни

Забелешка: во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработуваат и други композиции, во зависност од интересот и желбите на учениците и потребите на сите културно- уметнички манифестации.

Организација на оркестарската настава

Часовите по ОРКЕСТАР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на композициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот оркестар може да членуваат ученици од VI, VII VIII и IX одделение, согласно интересот и можностите на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на оркестарските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

Наставни методи и активности-Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат следните наставни форми: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и др., а од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други методи. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на индивидуалните чувства преку инструментална презентација. Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструментална интерпретација Просторни и материјално-технички услови за работа- Наставата по оркестар ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи:Училишниот оркестар ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРСМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и оркестарските натпревари организирани од ЗМПРСМ во соработка на БРО. Во работата ќе преовладува иницијативноста, самостојноста, креативноста и слободното изразување на чувствата преку вокална интерпретација.

Ќе се иницира соработка со културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација.

Просторни и материјално –технички услови

Наставата по хор ќе се реализира во наменски кабинет по музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи: Училишниот хор ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРСМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и хорските натпревари организирани од ЗМПРСМ во соработка со БРО.

Одговорен наставник
Ванчо Јовчев

ПРИЛОГ 13

РАСПОРЕД ВО СМЕНИ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Распоред на часови

Забелешка: Можни се промени и дополнувања во програмата и акциониот план, како и во текот на спроведување на активностите и планираните содржини!

3. Носители на програмата се: Тимот на МИО
4. Време на реализација на програмата: предвидените активности ќе се реализираат од септември 2023 до јуни 2023 година
5. Ресурси :

- училница, хартија-бели листови, хартија во боја, компјутери и интернет конекција, апликација ZOOM (неограничено), Microsoft Teams, Национална платформа за далечинско учење, Прирачник-Животни вештини и работни листови, хамери, маркери, бои, фломастери, прибор за цртање, лепак, примероци на метали и легури, копии од митови, потрошен материјал

за изработка на новогодишни украси, принтер, лап топ, хефталка, селотејп, колаж, лепило, спајалици, фотоапарат, фотографии, музика, ЦД-плеер, цедиња, аудио-визуелни средства, парчиња ткаенина, игла, конец; Тетратка, учебник, молив,табла, креда, интернет, компјутер, агломер, шестар, линијар,
- потребни за предвидените проекти: училишен двор, цвеќиња, рециклиран материјал, садници, следење обуки, спортска сала, топки, штафети, хулахопи, јажиња и други спортски реквизити, материјал за изработка на макети, училишна библиотека, книги, хамери, бели листови, листови во боја, маркери, фломастери, лепак, селотејп, Материјал потребен за изработка на нагледни средства, фотографии, фотоапарат, принтер, штафелаи, буџет од општината наменет за реализација на проект, грант од МОН наменет за реализаација на заеднички активности со партнер училиште.
6. Инструменти: формулар за набљудување, чек листа-список за следење, извештаи.
7. Очекувани ефекти :
- Учениците ќе имаат можност да ја доживуваат Македонија како мултикултурна држава во која живеат различни етнички групи со што ќе можат да ги воочат предностите на мултикултурната држава и ќе развиваат свест за прифаќање на различностите и почитување на јазикот, културата и обичаите на другите етнички групи, заедништвото, соживотот и поддршката еден со друг и бидејќи мултиетничноста не само што ја прави нашата земја побогата, туку добрите односи меѓу граѓаните и почитта кон различностите е главен столб врз кој треба да ја градиме сегашноста и иднината на Македонија.
8. Координатор на тимот: Роза Јаневска
- Акционен план за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (мимо) 2025/26 год. е даден во Прилог 25.
- Акционен план за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (мимо) - проект за „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба“ е даден во Прилог 25-а.
- Акционен план за меѓуетничка интеграција на млади во образованието (мимо) со партнер училиштето „25 Мај“ и „Наум Наумовски-Борче“ – проект „Градиме нови мостови“ е даден во Прилог 25-б.
-Акционен план за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (мимо) – проект „Квалитетно образование за сите“-Република Северна Македонија“ е даден во Прилог 25-в.

Членови на тимот за училишна интеграција при ООУ „Дане Крапчев“

Име и презиме	
Роза Јаневска (координатор)	предметен наставник (историја, граѓанско образование)
Марина Пазарковска	психолог
Адријана Младеновска	директор
Магдалена Павлеска	предметен наставник (историја, граѓанско образование)

Анета Менчова	одделенски наставник
Бојана М.Личева	предметен наставник (биологија, природни науки)
Софија Мијалковска	претседател на ученичкиот парламент
Матеј Макрешински	ученик правобранител
Потребни средства за реализација на планираните активности	10.000,00 ден.
Начин на обезбедување на средства	донации, средства од сопствен буџет, поддршка од општина Гази Баба

Проектот „Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на општина Гази Баба“ се реализира по насока на МЦГО и преставници од Секторите на Министерството за образование и наука и Одделението за јавни дејности при Општина Гази Баба, а се финансира со поддршка на општина Гази Баба и град Скопје.

Име и презиме/одговорни лица за реализација на проектот	
Валентина Ангеловска-Киевска	Одделение за јавни дејности, Општина Гази Баба
Елизабета Анчевска	Одделение за јавни дејности, Општина Гази Баба
Бајрам Бекир, заменик-член	ООУ „Кирил и Методиј“
Македонска Настевски	ООУ „Крум Тошев“
Даниела Димишковска	ООУ„Наум Охридски“
Емилија Георгиевска	ООУ„Кирил и Методиј“
Роза Јаневска	ООУ„ Дане Крапчев“
Светлана Петровска	ООУ„Наум Наумовски Борче“
Татјана Силјановска Гочкова	ООУ„ Григор Прличев“
Сузана Курбардовиќ	ООУ„ 25Мај“
Никола Попадиновски	ООУ „Вера Јоциќ“
Лидија Петрушевска	ООУ„Крсте П. Мисирков“
Ивана Петровска	ООУ„Његош“
Мери Тодорова Младеновска	ООУ„ Стив Наумов“
Иван Симоновски	советник во Советот на Општина Гази Баба

Александар Каровски	советник во Советот на Општина Гази Баба
ученици	Вклучени се ученици од сите 11 училишта од општина Гази Баба (од I до IX одделение)
наставници	Вклучени се сите наставници од сите 11 училишта од општина Гази Баба (одделенски и предметни наставници)

Име на проектот:	Проект на „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“
Подршка, соработка и финансирање:	Проектот е финансиран, подржан и потпомогнат од општина Гази Баба и град Скопје
Цел на проектот:	-продлабочување на соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и други соработници од различна етничка припадност; -попродлабочена и почеста соработка во заедничките активности помеѓу учениците од сите 11 училишта од општината со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуаи и заедници и ќе се развие свеста за прифаќање на различноста на другите етнички групи; -другарување преку кое ќе го искажуваат своето мислење и ќе го сослушуваат и прифаќаат туѓото мислење, взаемно помагање и подржување.
Исходи од реализацијата на проектот:	- Еднакви можности за сите деца; - Учениците ќе се чувствуваат мотивирано и прифатено; - Можност за развој на творечки и креативни способности; - уредена Web страна на која ќе се промовират зедничките активности, мултикултурализмот, соживотот; - вмрежување на ученичките парламенти кои ќе ги претставуваат ученичките иницијативи и идеи за подобра, демократска средина погодна за учење, соработка и дружба; - онлај квиз на знаење каде учениците ќе ги споделат своите знаења и квалитети со своите другарчиња; - преку изработка на макети ќе се запознаат со културите и обичаите на сите етнички заедници во нашата држава, ќе ги почитуваат, прифаќаат разликите и ќе ја афирмираат мултикултурата - Зголемена желба за престој во училиште и поголем интерес за учество во наставни и воннаставни активности

Временска рамка за реализација на проектот:	Септември 2020 - Мај 2025
Ориентационен буџет за реализација на иницијативата	512.000,оо денари

Проектот „Градиме нови мостови“ се реализира по насока на апликантите ООУ „Дане Крапчев“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „Наум Наумовски-Борче“ поддржан од МОН и мисијата на ОБСЕ

Одговорно лице за проектот	
Тимот на МИО, координатор - Роза Јаневска	ООУ „Дане Крапчев“
Тимот на МИО, координатор -Сузана Курбардовиќ Тимот на МИО, координатор- Светлана Петровска	ООУ „25 Мај“ ООУ „Наум Наумовски-Борче“
ученици	Вклучени се ученици од двете партнер училишта (од VI и VI одделение)
наставници	Вклучени се сите наставници од двете партнер училишта (одделенски и предметни наставници) за реализација на активностите
Директор, стручни соработници	Вклучени се и директорите, стручните соработници на двете училишта, како и родители

Име на проектот:	Заеднички активности на партнер училишта ООУ „Дане Крапчев“, ООУ „25 Мај“, ООУ „Наум Наумовски-Борче“
Подршка, соработка и финансирање:	Проектот е финансиран, подржан и потпомогнат од грант на ОБСЕ и поддршка на училиштата и општината

Цел на проектот:	-промовирање на заеднички активности меѓу децата кои учат на различни јазици. -развивање на свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички групи; -подобра и почеста соработка на учениците, наставниците, родителите, со што ќе се зајакне и атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници; - заедничката работа, дружење и зацврстување на меѓусебната комуникација и толеранција - продолжувањето на афирмацијата на мултикултурализмот во нашата општина
Исходи од реализацијата на проектот:	- Еднакви можности за сите деца; - Учениците ќе се чувствуваат мотивирано и прифатено; -ефектите на учениците се трајни и далекусежни бидејќи тие истовремено работат на себе и сопствената личност за зголемување на толеранцијата и прифаќање на различностите, но и на својата непосредна средина, од каде што потекнуваат овие ученици -забележително родителско вклучување што ќе придонесе кон зајакнување на капацитетите и поддршката на училиштата и наставниците, во градење на овие трајни вредности
Временска рамка за реализација на проектот:	Септември 2023 – јуни 2024
Ориентационен буџет за реализација на иницијативата	334.310 денари грант од ОБСЕ и 3.000,00 денари поддршка од училиштето

Проектот „Квалитетно образование за сите“ – Република Северна Македонија, „Едукација за демократска култура – од политика до практика“ имплементиран од Советот на Европа, а финансиран од Германија во соработка со МОН на РСМ

Одговорно лице за проектот	
Тимот на МИО, координатор - Роза Јаневска	ООУ „Дане Крапчев“
креатори на политики, директори на училишта, наставници, граѓански организации, експерти и други релевантни чинители	Вклучени се 25 пилот училишта (13 основни и 12 средни) за вмрежување со локалните заедници и граѓанските организации за обезбедување инклузивна и овозможувачка средина за учење за сите ученици

ученици	Вклучени се сите ученици од I и IX одделение
наставници	Вклучени се сите наставници (одделенски и предметни наставници) за реализација на активностите
Директор, стручни соработници	Вклучени се и директорите, стручните соработници на двете училишта, како и родители
Име на проектот:	
Подршка, соработка и финансирање:	Проектот е финансиран, подржан и потпомогнат од грант на ОБСЕ и поддршка на училиштата и општината
Цел на проектот:	-Промовирање на демократијата и човековите права во образованието како и подготовка на младите луѓе со потребните вештини и алатки за да живеат во мултикултурно општество. -Креаторите на образовните политики, како и директорите на училиштата, наставниците, учениците и училишниот персонал од избраните основни и средни училишта и локални заедници се целните групи на проектот.
Исходи од реализацијата на проектот:	Зајакнување на имплементацијата на одредбите поврзани со инклузивно и мултикултурно обрзование. Во националната образовна стратегија од страна на креаторите на образовните политики, институциите и професионалците. 25 пилот училишта ќе бидат поканети за да се вмрежат со локалните заедници и граѓанските организации за да обезбедат инклузивна и овозможувачка средина за учење за сите ученици. Наставниците ќе добијат алатки за развивање на нови професионални вештини, практики и ставови кои подобро придонесуваат за развој на вештините за демократска култура кај учениците.
Временска рамка за реализација на проектот:	Декември 2022 до ноември 2025 година
Ориентационен буџет за реализација на иницијативата	800.000 евра финансирани од Германија

ПРИЛОГ 25

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење иоднесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри,и истакнувајќи ги позитивните примери,ученикот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.Наставниот предмет граѓанско образование дава голема можност запроширување на знаењата на учениците со воннаставни активности. Целите на програмата се учениците да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност, да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“, да знаат во кои облици може да се појави корупцијата и начинот наспречување и заштита од истата.

Програмата ќе овозможи учениците да можат да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството како и улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува. При реализација на активностите се тргнува од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците за коишто се наменети активностите. Сите активности се изведуваат во воннаставните активности по предметот граѓанска култура во седмо одделение, во месеците октомври, ноември и декември. За сите активности времетрањето на часовите е 40 минути.При реализацијата на наставните теми и содржини од посебно значење е планирањето на наставникот, при што изборот и интегрирањето на содржините требада бидат во согласност со наставната програма. Наставата се планира со тематско- процесни планирања, со интеграција на наставни содржини од наставниот предмет граѓанско образование, кои наставникот треба да ги испланира на еден посебно осмислен начин, и врз основа на планираното да ги реализира. Тематско-процесното планирање опфаќа интегрирање на повеќе содржини од една тема, кои имаат исти или слични цели, осмислени и опишани активности, очекувани резултати, начин на вреднување на постигнувањата кај учениците и забелешка за идните планирања, како карактеристики коиобезбедуваат целокупност и поврзаност, пред сè на содржините во темата, но и повеќе од тоа. Наставниот предмет граѓанско образование дава голема можност за проширување на знаењата на учениците со воннаставни активности. Исто така, овозможува поврзување на содржините со другите наставни предмети, со што кај учениците се овозможува поттикнување на мултиперспективен развој во поглед на сфаќањето за светот кој ги опкружува.Во наставната програма којашто е предложена во делот активности и методи, доминираат разновидни активности, кои имаат цел децата да ги разберат содржините, да ги анализираат и разберат поимите и појавите кои треба да им помогнат полесно да се вклучат во општествениот живот, како и да ги практикуваат стекнатите знаења.

➢ **Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:**

- ⇨ Предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;
- ⇨ Работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;
- ⇨ Пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;
- ⇨ Запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;
- ⇨ Организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;
- ⇨ Антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;
- ⇨ Покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата;

Целите кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

➢ **Општи цели:**

Ученикот/ученичката е потребно:

- ⇨ Да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- ⇨ Да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- ⇨ Да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- ⇨ Да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- ⇨ Да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- ⇨ Да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција воРепублика Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- ⇨ Да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- ⇨ Да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација;
- ⇨ Да се стави во улога на активен граѓани, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија;

	Акционен план за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта - “СТОП ЗА КОРУПЦИЈАТА“								
							Следење		
Задача	**Активност**	**Временска рамка (месец)**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инст**	**Очекувани резултати**	**Одг. лице**	**x**	**Потребен буџет**
Планирање на активности за успешна реализиција на антикорупциска едукација на учениците во основните училишта	Изработка на акционен план	Јули	Одделенски и предметни наставници	Web страна на Државната комисија за спречување на корупција Програма и прирачник за антикорупциска едукација	/	Успешно реализирани активности од проектот	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Да се утврдат предзнаењата на учениците од предметна настава за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата	-Спроведување на анкетен прашалник за учениците од VI одделение -Анализа на анкетниот прашалник	Септември	Одговорен наставник Ученици	Анкетен прашалник Извештај од анализата на резултатите од анкетниот прашалник	/	Утврдени предзнаења на учениците за корупцијата како негативна појава во општеството	Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е		**X**
Да се информираат родителите за реализација на активностите како дел од проектот	Родителска средба-Запознавање на родителите со целите на проектот и активностите кои ќе се превземат во училиштето	Септември	Одделенски раководители од IV до IX одд. Одделенски наставници IV и V одделение	Акционен план за Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта	/	Родителите се запознаени со планираните активности од Проектот за антикорупциска едукација на	Тим за Антикорупциска едукација на ученицит е		**X**

	како дел од проектот					учениците во основните училишта			
Да го идентификува штетното влијание на корупцијата при процесот на вработување на луѓето и последиците од истото врз општеството	-дискусија присуството на корупцијата при вработувањето и негативните последици врз развојот на општеството	Септември	Предметен наставник по иновации и ученици од IX одд	Презентација, компјутер, интернет конекција, работни листови	Чек листа	- го идентификува штетното влијание на корупцијата при процесот на вработување на последиците од истото врз општеството	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**
Да се доближи терминот корупција и антикорупција до учениците	Запознавање на учениците со терминот корупција и антикорупција и начините за заштита и борба против корупцијата преку презентација	Октомври	одделенски наставници IV одд.	Презентација Компјутер ЛЦД проектор учебник – Историја и општество	Чек листа	- освојување на терминот корупција и антикорупција - ги знаат механизмите за заштита од корупција - ги имаат	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

						воочено штетните последици од корупцијата			
Да се поттикнат учениците да развијат критички став кон корупцијата како штетна појава во општеството која ја руши демократијата и создава нееднаквост	Изведба на драмски текст –Стоп за корупцијата Дебата	Ноември	Наставник по Историја и граѓанско образ. Ученици од VIII	Драмски текст-Стоп за корупцијата Примери за корупција	/	Учениците имаат развиено критички став кон корупцијата како штетна појава во општеството која ја руши демократијата исоздава нееднаквост	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Да споделат искуства од секојдневниот живот каде има инволвираност на корумпираност и воедно подигање на свеста преку воочување како негативна појава од етички и морален аспект	Работа во групи Игровни активности Анализа на ситуација Дискусија	Декември	Предметен наставник по Етика Ученици од VII одд	Компјутер, интернет, аудио-визуелни средства, различни видови информации Драматизација Дебата	/	Учениците: -Ја претставуваат корупцијата како негативна појава во општестото -Разбираат дека можат да имаат активна улога и индивидуално да придонесат во борбата против корупцијата	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Поттикнување на учениците да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството	Творење и изложување на ликовните творби на тема повразана со корупцијата	Септември Јануари Февруари Март	Одделенски наставници IV, V одд. Наставник по ликовно образование Ученици од IV до IX одделение	Изработени ликовни творби	/	Учениците: -ја претставуваат корупцијата како негативна појава во општестото -Разбираат дека можат да имаат активна улога и индивидуално да придонесат во борбата против корупцијата	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Поттикнување на учениците да ја претстават корупцијата како негативна појава во општеството	Творење на литературни творби на тема поврзана со корупцијата	Март	Наставници по македонски јазик Ученици од VI до IX одделение	Изработени литературни творби	/	Учениците : -ја претставуваат корупцијата како негативна појава во општестото -Разбираат дека можат да имаат активна улога и индивидуално да придонесат во борбата против корупцијата	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Да го идентификуваат штетното влијание на корупцијата за развојот на личноста, групата и општеството; - да анализираат механизми за спречување на корупција и заштита од коруптивни дејства	-Анализа на ситуации со коруптивно однесување	Април	Наставник по Граѓанско образование и ученици од IX одделение	Хартија Работни листови	чек листа	Учениците: умеат да определат , прекршени човекови права во ситуација на корупција; предлагаат етички начини за справување со ситуации на социјален притисок	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**
Да се доближи терминот корупција и антикорупција преку предавање од стручно лице	Предавање од стручнолице за корупцијата , антикорупцијата и начините за заштита и борба против корупцијата	Април	Одделенски наставници IV , V одд. Одделенски раководители од VI до IX одд.	Презентација на информации од стручно лице	/	Имаат создадено јасна претстава за поимот корупција, штетните последици од неа и механизмите за заштита	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Да го разберат штетното влијание на корупцијата при набавка на материјали	Решавање проблемски ситуации, истражување и дискутираат за правилникот и стандардите за набавка на материјали и можноста за појава на корупција.	Мај	- Предметен наставник по физика и ученици од VIII одд и IX одд.	-ЛЦД, компјутер, презентација Impress, материјали за изработка на макета на куќа,чек листа	Чек листа	Учениците: -го имаат воочено појавувањето на корупција при набавката на материјали	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**
Да се запознаат и да развијат критички став кон појавите на корупција за културното наследство во античките градови на тлото на Македонија	Запознавање со корупцијата со античкото наследство и начините за заштита и борба против корупцијата - Стоп на корупција- Дебата	Мај	Наставник по Класична култура во европската цивилизација Ученици од VI - одделение	Дебата	Чек листа	- Учениците имаат развиено критички став кон појавите на корупција за културното наследство во античките градови на тлото на Македонија	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

Учениците да се оспособат да одолеат на корупцијата како еден вид на социјален притисок	Реализација на работилници во рамките на одделенскиот час од Програмата за животни вештини	Континуирано во текот на учебната година	Одделенски раководители од VI до IX одд	Прирачник и работни листови за животни вештини	/	Учениците умеат да се спротивстават на корупцијата како еден вид на социјален притисок	Тим за Антикорупциска едукација на учениците		**X**

⇨ ***Училишен тим за антикорупциска едукација:***

1. **Роза Јаневска-предметен наставник**
2. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**

ПРИЛОГ 26

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦРВЕН КРСТ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

АКЦИОНЕН ПЛАН НА ТИМОТ ЗА ЦРВЕН КРСТ 2023/2024год.									
							Следење		
Задача	**Активност**	**Временска рамка (месец)**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**	**x**	**Потребен буџет**
1. Да се изберат одделенски одбори на ПЦК	Избирање т.е ажурирање членството од одделенски одбори на ПЦК	Септември	Одговорни наставници, ученици и одд.раководители	Одделенски наставници	Список на членови	Избор на одбор на ПЦК	Б.М.Личева В.Димитровска		Х
2. Информативно и едукативно предавање на учениците за одржување на лична хигиена и хигиена во училиштето согласно насоките од здравствената струка	Да се спроведе информативно и едукативно предавање на учениците за одржување на лична хигиена и хигиената во училиштето	Септември	Одговорни наставници, одд.раководители	Информативно и едукативно предавање	/	Редовно и правилно одржување на хигиената во училиштето	Одделенски раководители Сите ученици и наставници во училиштето		Х

3. Да се запознаат учениците со опасностите и превентива од заболување од ТБЦ и градни заболувања	Одбележување на Недела на борба против ТБЦ и други градни заболувања преку едукативни матријали	Септември	Подмлатклари на ЦК (врснички едукатори под менторство на одговорни наставници)	споделување на едукативни материјали за превенција и лекување на ТБЦ	/	Учениците да ги прошират знаењата за ТБЦ и градните заболувања	Б.М.Личева В.Димитровска		Х
4. Да со одбележи Денот на срцето	Одбележување на Денот на срцето	Септември	Подмлатклари на ЦК (под менторство на одговорни наставници)	Реферат/пано	/	Да се прошират знаењата за важноста на срцето и негова заштита	Б.М.Личева В.Димитровска		Х
5. Донации на облека, средства за домакинство за загРозани семејства – хуманитарна акција	Обезбедување на потребна облека , средства на загРозани смејства	Октомври (и по потреба во текот на годината)	Сите ученици и наставници	-Организација и логистика за спроведување на акција -Реализација на хуманитарна акција Презентација на активноста	Список на ученици(формулар)	Обезбедување на потребна облека и средства со што ќе се помогне на ранливата категорија ученици	Б.М.Личева В.Димитровска Одделенски раководители		Х

6. Да се исчити и уреди училишниот двор	Еколошки акции	Во текот на учебната година согласно планот на еко тимот	Сите ученици	Акција за чистење во соработка со еко тимот	/	Да се исчисти училишниот двор	Б.М.Личева В.Димитровска Еко тим		X
7. Да се соберат парични средства	Хуманитарна акција за собирање парични средства	По потреба	Тимот на ЦК	Хуманитарна акција	/	Да се соберат парични средства со кои ќе се помогне по потреба	Б.М.Личева В.Димитровска		X
8. Собирање на храна за семејства-хуманитарна акција	Обезбедување на потребна храна за загРозаните семејства;	Ноември	Сите ученици и наставници	-Организација и логистика за спроведување на акција -Реализација на хуманитарна акција -Презентација на активноста	/	Да се развива свеста на учениците за помагање на гладните лица	Б.М.Личева В.Димитровска		X
9. Да се запознаат учениците со опасностите и превентива од шеќерна болест-дијабетес	Одбележување на недела на борба против дијабетес преку едукативни матријали (14/18.11)	Ноември	Подмлаткари на ЦК (врснички едукатори под менторство на одговорни наставници)	Реферат/ објави на web страната на училиштето на темата	/	Учениците да ги прошират знаењата за дијабетесот	Б.М.Личева В.Димитровска		X

10. Да се запознаат учениците со опасностите и превентива од болести на зависност	Месец на борба против болести на зависности-	Ноември	Ученици од предметна настава	Реферат/едукативно пано	/	Да се развива свеста на учениците за опасностите од употреба на алхохол и дрога	Б.М.Личева В.Димитровска		X
11. Да се одбележи Неделата за борбата против сида	Одбележување на Недела за борбата против ХИВ/СИДА	декември	. Подмлаткари на ЦК	Едукативно пано	/	Да се запознаат учениците со начинот на заштита од ХИВ/СИДА	Б.М.Личева В.Димитровска		X
12. Да се запознаат учениците со начинот на исхранат во зима	Запознавање со начинот на исхрана во зимскиот период	Јануари /февруари	Подмлаткари на ЦК (сите ученици)	Реферат	/	Да ја подобрат исхраната во зимскиот период	Б.М.Личева В.Димитровска Одделенски раководители		X
13. Да се одбележи Неделата на борбата против ракот	Одбележување на Неделата на борбата против ракот	февруари	Подмлаткари од VI-IX одд	Реферат /објави на web страната на училиштето на темата	/	Да се запознаат учениците со болеста и последиците од неа	Б.М.Личева В.Димитровска		X

14. Да се одбележи Денот на здравјето 7-ми Април	Одбележување на Денот на здравјето со изработка на пано за здрави навики	април	Тим на ЦК Сите ученици	Рефарт /пано за здрави навики	/	Да ги прошират знаењата за важноста на чувањето на здравјето	Б.М.Личева В.Димитровска		X
15. Активности во соработка со Организација на Црвен Крст (ПХВ и др.работилници и едукативни предавања наменети за ученици)	Реализација на активности во соработка со Организација на Црвен Крст	Тековно	Членови на Црвен крст	Едукативни активности и акции	/	Развивање на вештини за помагање	Б.М.Личева В.Димитровска		X
16. Значење на крводарителст-вото	Твориме на тема Крводарителство (цртежи и песни)	јуни	Членови на Црвен крст Ученици од I до IX одд.	Творби од ученици	/	Да се истакне важноста и значењето на крводарителството	Б.М.Личева В.Димитровска Наставници од одделенска и предметна настава		
17. Да се подготват учениците за натпревар по Црвен крст	Подготвување на учениците за натпревар	Септември/ мај	Членови на Црвен крст	Книги, брошури, практични вежби	/	Развивање на вештини за помагање	Б.М.Личева В.Димитровска		X

Одговорни наставници за црвен крст:

1. Бојана Личева-предметен наставник 2.Весна Димитровска- одделенски наставник

ПРИЛОГ 27

ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Во училиштето се води грижа за уредувањето и одржувањето на просторот и на опкружувањето на училиштето. Се води сметка уредувањето да биде функционално, естетско за сите кои што престојуваат во училиштето пријатно да се чувствуваат. Во сите училници за ентериерот се грижат наставниците и учениците, тие во текот на целата учебна година го адаптираат просторот според предметот кој го изучуваат. За уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување кој заедно со учениците според изготвената програма ги уредува.Останатите простории се опремени според намената за која што служат. Во училиштето исто така се води грижа и за училишниот двор, се одржуваат зелените површини, се засадуваат садници и цвеќиња, поставените клупи се одржуваат. Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

1. Задача:

- ⇨ Потикнување на самосвест кај учениците и вработените за грижата за просторот каде што престојуваат;
- ⇨ Естетско вообличување на просторот во училиштето;
- ⇨ Подобрување на естетиката во холот и ходниците;
- ⇨ Поттикнување на креативнност и фантазија кај учениците;
- ⇨ Подобрување на амбиентот за работа и учење;
- ⇨ Поттикнување на еко свеста кај учениците и вработените во училиштето;
- ⇨ Развивање на чувство на припадност;
- ⇨ Укажување на почит кон истакнати личности од нашата историја ;

2. Активности:

- ⇨ Уредување на училиштето по повод позначајни празници и настани
- ⇨ Изработка на декорации во холовите
- ⇨ Избор на најубаво уредена училница
- ⇨ Уредување на паноата во ходниците и училниците
- ⇨ Одбележување на Денот (месецот) на екологијата
- ⇨ Одбележување на патронатот на училиштето

3. Носители на програмата се:

- ⇨ Тимот за естетско уредување на училиштето, ликовната секција, директорот, хаусмајсторот и техничкиот персонал и сите останати ученици и наставници

4. Време на реализација на програмата :

- ⇨ Времето за реализација на сите предвидени активности е август - јуни во учебната 2024-2025 година.

5. Ресурси:

- ⇨ Ученички творби
- ⇨ Материјали за изработка на декорации
- ⇨ еко пораки

- ⇨ нагледни средства

6. Инструменти:

- ⇨ Естетска анализа

7. Очекувани ефекти :

- ⇨ Подобрување на естетскиот изглед на училиштето
- ⇨ Градење на позитивен однос кон ученичките творби
- ⇨ Создавање на партициптиенти во уметноста
- ⇨ Подобрување на работниот простор
- ⇨ Развивање на позитивен однос кон природата, културата и традицијата на татковината

Активности на наставници	**Активности на ученици**	**Време на реализација**	**Ресурси**
Уредување на училиштето по повод позначајни празници и настани	Изработка на ученички творби, нивно изложување и организирање на изложбениот простор	Во текот на учебната година	Потребни материјали за цртање и сликање, Потребни материјали за изложување
Организирање на изработка на мото за позначајни празници и настани	Изработка на мото за позначајни празници и настани	Во текот на учебната година	Потребни материјали за изработка на мото
Уредување на паноата во ходниците и училниците	Изработка на ученички творби, нивно изложување	Во текот на учебната година	Потребни материјали за цртање и сликање
Поттикнување на креативнност и фантазија кај учениците	Изработка на новогодишни украси и уредување на училиштето по повод новогодишните празници	декември	новогодишни украси
Планирани активности од програмата за антикорупција	Организирање на ликовна изложба од творби изработени на часовите по ликовно обр.	Февруари	Ликовни творби
Обновување на паноата за изложување на ученички трудови	Идејни решенија за изработка на нови паноа за изложување на детски творби	март	Идејни решенија за нови изложбени паноа
Поттикнување на свеста кај учениците и вработените за традиционални вредности	Изработка на мартинки	Март	Ликовни творби
Поттикнување на еко свеста кај учениците и вработените во училиштето	Одбележување на Денот (месецот) на екологијата	март	Ликовни творби од материјали за рециклирање
Одбележување на Велигден	Изложба на ликовни и литературни творби	Април/мај	Ликовни творби

Планирање и организирање на активности (ликовна изложба од творби изработени на часовите по ликовно обр. (II-V одд.)) за превенција на насилството во училиштето	Творење на зададена тема во материјл и техника по избор на учениците	април	Ликовни творби
Одбележување на 1 Април Ден на шегата	Изработка и изложба на ученички творби	Март/април	Ученички маски
Одбележување на патронатот на училиштето „ Дане Крапчев”	Творење зададена тема и изложување на творбите	мај	Ликовни творби
Изложување на ученички творби на ученици од различна етничка придадност	Контунуирано изложување на творби од ученици од различна етничка припадност	Во текот на учебната година	Ликовни творби
Учество на меѓународни ликовни конкурси	Творење зададена тема и изложување на творбите	Во текот на учебната година	Ликовни творби
Реализирање на етвининг проекти	Воспоставување на контакт со разни училишта од етвининг платформа	Во текот на учебната година	Зависно од потребите на проектите

ПРИЛОГ 28

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНА ЗАЕДНИЦА И ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Во согласност со член 68 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20) кој гласи „сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница“, учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

Училишна заедница

Ученикот кој е во фокусот на воспитно-образовниот процес е личност со свои права, обврски, интереси, член на општествената заедницата, со што има право на свои организации, чија цел е изградба на самосвесни демократични личности кои реално се вреднуваат себе си, другите, со што се подготвуваат адекватно да го завземат своето место во општеството.Ученичката заедница на ниво на училиште особено ќе се заложува за третирање на одделни актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. Таа ги опфаќа учениците од I – IXодд.Се конституира на почетокот на учебната година откако ќе се формираат паралелките. Секоја паралелка делегира еден до два члена во училишната заедница (од раководството - претседателството на ученичката заедница) и тие го претставуваат раководството на ученичката заедница. Од редот на претседателството се бира потесно раководство кое го сочинуваат претседател, подпретседател и секретар. За вршење на одделни задачи претседателот бира повремени или постојани комисии, како на пример комисија за успех и дисциплина.Училишната заедница ја следи, насочува и координира работата на ученичките заедници на паралелките. Својата активност ја остварува по однапред подготвена програма за работа. Работата на ученичката заедница на училиштето ја помага педагогот на училиштето.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗЕАДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКАТА ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Планирана активност	Цели	Реализатор	Ресурси	Време	Очекувани ефекти и исходи
Конституирање на ученичките заедници на паралелките	Чувство на припадност, колективност мотивираност	Одделенски раководител	Годишна програма записници	Септември	Градење организациски и комуникациски способности
Избор на раководство на ученичката заедница во паралелката	Чувство на одговорност, објективност, соработка, колективност	Одделенски раководител	Записници	Септември	Градење организациски и комуникациски способности
Избор на раководство	Критичност, соработка одговорност и доследност	Педагог Ученици	Записници	Септември	Градење организациски и комуникациски способности
Запознавање со програмата на ученичката заедница	Одговорност и доследност	Педагог	Записници	Септември	Градење организациски и комуникациски способности
Договор за приредба по повод прием на првачињата во Детската организација	Поттикнување на ведар и творечки дух, чувство на припадност и колективност	Одговорни наст. од I- IXодд. Педагог Ученици	Сојуз за грижи и воспитување на децата	Октомври	Одговорност, доследност и чувство на колективност
Одбележување на Детската недела преку цртежи и собирни акции	Солидарност, хумани чувства, доследност и одговорност	Одговорен наставник Педагог Ученици	План за работа на Детската организација	Октомври	Одговорност, доследност и чувство на колективност

Подготовка за програма по повод Денот на училиштето	Активно учество и смисла за организација	Одделенски раководители Педагог Ученици	Годишна програма	Ноември	Културно и уметничко изградување на учениците
Договор за учество на поетски и ликовни конкурси за 13 Ноември	Љубов и почит кон празникот, негување творечки дух, креа-тивност	Одговорни ученици Педагог Одговорне настваник	Покани за учество	Ноември	Културно и уметничко изградување на учениците
Разговор за тековни проблеми	Критичност и само-критичност	Педагог	Записници од разговори	Ноември	Културно и уметничко изградување на учениците
Договор за посета на Златно славејче	Навика за посета на културни настани	Одговорни наставници за КЈД	Покани за учество	Ноември	Културно и уметничко изградување на учениците
Предавање по повод Недела за борба против сидата (01.-07.XII)	Стекнување повеќе информации, подобрување на здравјето	Одговорен наставник на ПЦК	Подготвен материјал за презентација	Декември	Здравствена едукација на учениците
Активности за подобрување на естетскиот изглед во училницата	Соработка, иницијатива, креативност	Одделенски наставници	Изработки од учениците	Декември	Развивање на естетско чувство кај учениците
Договор за организирана забава по повод Нова година	Негување на пријатна атмосфера, дружење	Одговорни наставници за КЈД	Потреби на учениците	Декември	Негување на другарството
Давање мислење и предлизи за педагошки и други мерки што треба да се превземат од страна на училиштето	Поттикнување на учениците за успех и дисциплина	Комисија за успех и дисциплина, претседател Педагог	Записници од разговори, правилник за педагошки мерки	Јануари	Стекнување на воспитни квалитети кај учениците

Давање мислење и предлози пофалени ученици	Поттикнување натпреварувачки дух	Комисија за успех и дисциплина	Записници од разговори, правилник за педагошки мерки	Јануари	Стекнување на воспитни квалитети кај учениците
Анализа на успехот и дисциплината во прво полугодие	Откривање на причините за неуспех во учењето	Комисија за успех и дисциплина	Изготвена анализа	Јануари	Стекнување на воспитни и образовни квалитети кај учениците
Активности во врска со соработка со други УЗ	Соработка и разбирање меѓу УЗ и коректен однос	Одговорни наставници Педагог Ученици	Покана	Февруари	Разменување на мислења и искуства
Соработка со родители	Подобри резултати во учењето	Одговорни наставници	Записници од родителски средби	Февруари	Учество на родителите во подобрување на успехот
Одбележување на 8 Март	Да се запознаат со значењето на празникот	Педагог	Одбележување на денот	Март	Создавање на вредности за почит
Одбележување Недела на книгата	Љубов за читање книги	Библиотекар	Покна и посета на Саем на книгата	Март	Стекнување навика за читање книги
Значење на Екологијата работни акции и еко-патроли	Јакнење на еколошката свест, придонес за здрава и чиста околина	Одговорен наставник за производна работа	Изведени активности	Март	Развивање на еколошка свест
Учество во Априлијада	Креативност, пријатна атмосфера	Одговорни наставници за КЈД	Организирање на маскенбал	Април	Дружење и забава
Одбележување на 7Април -Светски ден на здравјето-	Негување здрав спортски дух	Одговорни наставници за рекреација и спорт	Активности по повод денот	Април	Истакнување на вредноста на здравјето

прошетка до Гази Баба					
Работна акција по повод 22 Април-Ден на планетата Земја	Свесност, стекнувавање работни навики	Одговорни наставници за производна работа	Изведување еколошки активности	Април	Развивање на еколошка свест
Соработка со педагогот за подобрување на успехот и дисциплината	Подобрување на успехот и дисциплината	Одд. Наставници	Записници од разговори, Анализа на успехот	Април	Подобрување на успехот кај учениците
Договор за подготовки за натпревари од повеќе области	Негување на спортски дух	Одговорни наставници за рекреација и спорт	Покани за натпревар	Април	Развивање на натпреварувачки дух, упорност и истрајност
Приредба по повод 24Мај-Ден на просветителите	Почит и љубов кон нивното дело и лик	Рецитаторска секција	Изработени материјали	Мај	Развивање на национално чувство
Договор за организирана полуматура	Развивање чувство на вредност и доверба	Одговорни наставници за екскурзии	Програма	Мај	Дружење и забава
Испраќање на деветто оделнците	Јакнење на колективниот дух	Одделенски наставници	Поделени свидетелства	Јуни	Услови за упис во средно образование
Извештај за работата на УЗ во училиштето	Согледување на резултатите од работата на УЗ во текот на учебната година	Одговорни наставници, претседатели на ученички заедници на паралелките	Изготвен извештај	Јуни	Анализа на работата на УЗ

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНА ЗАЕДНИЦА УЧЕБНА 2025/26 ГОДИНА					
Реден бр.	**Активности**	**Очекувани резултати**	**Временска рамка**	**Планиран број часови за активноста**	**Реализитаор**
1	Конституирање на тимот и изготвување на програма и акционен план за работа	Конкретно испланирани активностите за поуспешна реализација на законските измени во однос на правата и обврските на учениците	Јули	6 часа	Педагог Одделнски наставници Класни раководители
2	Информирање на одделенските наставници и одделенските раководители и останатите субјекти во училиштето за спроведување на процедурата за избор на претседател, заменик претседател и постојани и повремени тела на одделенската заедница	Зајакнати капацитети на наставниците од одделенска и предметна настава за спроведување модели на ученичко учество и заштита на детските права во рамки на училиштето	Август	1 час	Педагог Психолог
3	Спроведување на процедурата за избор на претседател, заменик претседател и постојани и повремени тела на одделенската заедница	Формирани тела со ученици од одделенските заедници согласно демократските процедури	Септември	4 часа	Одговорни наставници Одделенски наставници и одделенски раководители од прво до деветто

					одделение
4	Конститутивна седница на ученички парламент	Формиран ученички парламент, избран претседател на парламентот Избрани претставници на учениците за Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор	Септември (IV седмица) или Октомври (I седмица)	3 часа	Директор
5	-Избор на раководство на ученичкиот парламент -Изработување на предлог програма за работа на ученичкиот парламент	Избрани координатори на учебни години Формирано координативно тело на ученичкиот парламент Изработена програма за работа на ученичкиот парламент	Октомври	6 часа	Директор Претставници на ученички парламент
6	Промовирање на ученикот правобранител и неговата функција и улога во училиштето	Учениците се запознаени со улогата на ученикот правобранител - (промовирање и заштита на детските права)	Октомври	3 часа	Одговорни наставници Одделенски наставници и одделенски раководители од прво до деветто одделение
7	Подготовки и реализација на Работилница „Имам право да ги знам моите права“	Учениците се запознаени со Конвенцијата за правата на детето, нејзината содржина, правата кои ги гарантира и нејзиното значење.	Ноември	4 часа	Педагог Психолог Одговорни наставници

8	Подготовки и реализација на Работилница „Превземање акција во училиште“	Применуваат промени од заеднички интерес во група и практикуваат демократска партиципација	Декември	4 часа	Одговорни наставници
9	Подготовки и реализација на Работилница "Интеркултурно образование" Избор на теми за дебати	Осознавање дека учениците се деца од различен бекгроунд кои припаѓаат во иста група	Јануари	4 часа	Одговорни наставници
10	Подготовка и реализација на Дебата 1 -на тема предложена од учениците	Учениците се поттикнати да водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација	Февруари	3 часа	Одговорни наставници
11	Подготовка и реализација на Дебата 2 -на тема предложена од учениците	Учениците се поттикнати да водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација	Март	3 часа	Одговорни наставници
12	Подготовка и реализација на Дебата 3 -на тема предложена од учениците	Учениците се поттикнати да водат аргументирана дискусија со правила која се одвива помеѓу најмалку две спротивни страни, користејќи ненасилна комуникација	Април	3 часа	Одговорни наставници

13	Анализа на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител Предлози за работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител за наредната учебна година	Учениците се поттикнати активно да се вклучат со свои предлози за активности за работата во наредната учебна година	Мај-Јуни	4 часа	Одговорни наставници Раководство на заедницата
14	Состаноци со одделенски заедници	Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки	Септември - Мај	5 часа	Одговорни наставници Раководство на заедницата
15	Состаноци со ученички парламент	Подобрена состојбата на имплементацијата за ученичкото учество и заштитата на детските права во училишниот живот, развиено критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки	Септември - Мај	9 часа	Одговорни наставници Раководство на заедницата
16	Состаноци со ученик правобранител	Промовира, дава, поддршка и заштита на учениците	Септември - Мај	5 часа	Одговорни наставници

17	Состаноци на раководството и менторска поддршка на наставници	Поддршка на капацитетите на наставниците за спроведување акции во одделенската заедница Помош во креирање одделенски портфолија Поддршка во спроведување работилници и дебати во одделенските заедници	Август – јуни	5 часа	Одговорни наставници
18	Соработка со институции и организации од локалната заедница	Успешно реализирана соработка со институции и организации од локалната заедница	Септември - Јуни	5 часа	Одговорни наставници

⇨ ***Училишен тим за училишна заедница:***

1. **Тања Златановски-педагог**
2. **Марина Пазаркоска-психолог**
3. **Биљана Јовчева-родител**
4. **Маја Величковска-предметен наставник**

ПРИЛОГ 28/а

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

АКТИВНОСТ	***ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА***	***НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА***	***МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ***
Конститутивна седница на ученичкиот парламент Избор на претседател на ученичкиот парламент Избор на претставници на учениците за Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор	Септември (IV седмица) или Октомври (I седмица)	Директор Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-сала за состаноци (училница) -гласачка кутија -гласачки ливчиња -ЛЦД проектор -компјутер
Организирање седници на ученичкиот парламент	Континуирано	Претседател на ученичкиот парламент Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-сала за состаноци (училница) -материјали за работа -хартија
Избор на координатори на одделение и координативно тело на ученичкиот парламент	Октомври	Претседател на ученичкиот парламент Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-сала за состаноци (училница) -материјали за работа -гласачки ливчиња
Организирање на работилници за детските права, процесот на превземање	Ноември - Јануари	Членовите на ученичкиот парламент	-сала за состаноци (училница)

на акции во училиште и промовирање на мултикултурализмот		Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-материјали за работилниците
Организирање дебати на теми предложени од учениците	Февруари - Април	Претседател на ученичкиот парламент Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-сала за состаноци (училница) -материјали за дебатите -анкети -истражувања
Разгледување на предлози добиени од состаноците на заедниците на паралелките	Континуирано	Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-сала за состаноци (училница) -писмени предлози од ученици
Планирање, реализирање на иницијативи за аспекти кои треба да се подобрат во училиштето и во заедницата	Континуирано	Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-писмени барања од ученици -презентации
Организирање и учество во хуманитарни акции, еколошки акции и општествено-хуманитарна работа	Континуирано по потреба	Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Наставници и ученици Институции и организации	-писмени барања од ученици -презентации -потребни соодветни материјали за акциите
Давање предлози за: Локации за екскурзии за наредната година Подобрување на ученичкиот стандард Воннаставни активности	Континуирано	Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-писмени предлози од ученици -анкети
Учество во: Подготовката на годишната програма за работа Евалуација на работата на училиштето	Континуирано	Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-писмени предлози од ученици

Процесот на планирање на развојот на училиштето Активности за обезбедување на поддршка на учениците со посебни образовни потреби		Наставници Ученици	
Соработка со институции и други организации што работат со младите	Континуирано	Членовите на ученичкиот парламент Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Институции и организации	-писмени барања од ученици -презентации

- ***Училишен тим за ученички парламент:***

1. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**
2. **Данче Костовска- одделенски наставник**
3. **Специјален едукатор и рехабилитатор**
4. **Марина Пазаркоска- психолог**

ПРИЛОГ 28/б

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

АКТИВНОСТ	*ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА*	*НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТА*	*МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ*
Запознавање на учениците со улогата на ученикот правобранител и процедурата за поднесување на поплаки и жалби за прекршени права	Октомври	Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-Процедура за поплаки и жалби -Формулар за пријавување на прекршени детски права
Промовирање на детските права **-Организира едукативни работилници за запознавање на учениците со правата на детето и нивното значење** **-Организира дебати на теми повразани со правата на децата, нивното прекршување и значење**	Континуирано	Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Ученици	-Материјали за работилници и дебати
Поддршка за заштита на детските права **-Препознава прекршувања на детските права** **-Прибира поплаки, жалби и претставки од ученици за прекршени права** **-Доставува претставки од ученици за прекршени права до соодветните органи во училиштето**	Континуирано	Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање Ученици	-Поплаки, жалби и претставки од ученици
Учество во состаноците на ученичкиот парламент	Континуирано	Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	-Училница -Извештаи за состојбата за прекршување на правата

		Членови на ученички парламент	
Состаноци со тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	Континуирано	Ученик правобранител Тим за поддршка на ученичкото учество и организирање	- Извештаи за состојбата за прекршување на правата
Сумирање на состојбата со прекршувањето на правата и изработка на полугодишен и годишен извештај	Декември -Јуни	Ученик правобранител	Полугодишен и годишен извештај за работата на ученикот правобранител

- ***Училишен тим за ученички правобранител:***

1. **Магдалена Павлеска-предметен наставник**
2. **Данче Костовска- одделенски наставник**
3. **Специјален едукатор и рехабилитатор**
4. **Марина Пазаркоска- психолог**

ПРИЛОГ 29

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНА 2025/26 ГОДИНА

1. ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Место: Чардак-Скопска Црна Гора

Воспитно образовни цели:

- Запознавање со природните ресурси и со културното наследство.
- Градење на позитивен однос кон природата, културното наследство, спортот и рекреативните активности;
- Запознавање со различни средини и нивните специфични природно-географски обележја;
- Создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат учениците, како и кон животните;

Задачи:

- Развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- Создавање навики на здраво живеење.

Содржина и активности: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.

Носители на активностите: учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

Раководител на екскурзијата: Елизабета Ордева – предметен наставник по физичко и здравтвено образование

Одговорен наставник: Елизабета Георгиева – одделенски наставник.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;

- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Време на реализација: септември/ октомври.

Локалитети за посета и правци на патување: Скопје-Маџари-Чардак.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

2. ПРОГРАМА ЗА ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

Место: Сарачево

Воспитно образовни цели:

- Запознавање со атрактивно место во близина на Скопје и природните убавини и знаменитости.
- Запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овој простор.
- Негување на старите културни вредности и обичаи.
- Запознавање со историјата на овој простор.
- Развивање на позитивна групна динамика.
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Задачи:

- Развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Позитивен однос кон верските и културните вредности;
- Социјализација и колективна заштита;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање

- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- Навики на здраво живеење.

Содржина и активности: Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.

Носители на активностите: учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.

Раководител на екскурзијата: Катерина Лукарова – предметен наставник по математика

Одговорен наставник: Марија Шереметкоска – предметен наставник по географија

Време на реализација : Мај/Јуни

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

Локалитети за посета и правци на патување: Скопје,Мађари - Сарачево.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

3. ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

Време на реализација: Септември/Мај/Јуни

Место на одржување: Струмица- Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Елеуса, Манастир „Св. Леонтиј“ – Водоча.

Воспитно образовни цели:

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Задачи:

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење.
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина.
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина.
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

Носители на активностите:

- одделенските раководители
- учениците од III одд.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Весна Стојковска, одделенски раководител на III-4 одделение

Одговорни наставници: одделенските раководители на III-1, III-2 и III-3 одделение: Елизабета Георгиева, Ивана Видин Ивановска, Емилија Блажевска.

Финансирање: Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

⇨ Поаѓање во 8:00 пред училиште.

⇨ Попатно разгледување на одликите на Источна Македонија.

⇨ Посета на Струмица со запознавање на одликите и историското минато на градот.

⇨ Посета за Манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ -Елеуса.

⇨ Посета на Манастир „Св. Леонтиј“.

⇨ Враќање во 16:00 часот.

За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.

4. ПРОГРАМА ЗА ДВОДНЕВНА НАУЧНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ- Источна Македонија

Време на реализација: ***Септември/Октомври или Мај/Јуни***

Место на одржување: ***Источна Македонија***

Воспитно образовни цели:

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Задачи:

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

Носители на активностите:

- класни раководители
- учениците од VI одд.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Лиле Сарваноска - класен раководител на VI-1 одделение

Одговорни наставници: класните раководители VI-2, VI-3 и VI-4 одделение: Јовица Димоски, Катица Стојчевска, Магдалена Павлеска.

Финансирање: Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

1. ден

Прв ден. Поаѓање на групата од пред училиште во 08:00 часот. Се патува преку Куманово, со попатна посета на опсерваторија Кокино и Човеков Камен. Панорамско разгледување на градот Кратово, запознавање со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата и др. Се продолжува за Пробиштип, Штип и Радовиш се посетува црквата Св. Тројца. Се продолжува за Струмица, посета на Колешински водопади и Смоларски водопади, посета на „Успение на пресвета Богородица“ и „Св. Леонтиј“- Водоча, пристигнување во Дојран, сместување во хотел. Вечера. Организирана забава за учениците.Ноќевање.

2. ден

Појадок, посета на граничен премин Стар Дојран. Ручек во хотелот. Поаѓање за Скопје преку Богданци, посета на штампаријата Софија, Гевгелија, Демир Капија и посета на Попова кула, Неготино. Се продолжува за Стоби со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамски разгледувања, фотографирања и попатни одмори се продолжува за Скопје. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Источна Македонија

- Учениците од VI/1 одделение класен раководител: Лиле Сарваноска
- Учениците од VI/2 одделение класен раководител: Јовица Димоски
- Учениците од VI/3 одделение класен раководител: Магдалена Павлеска
- Учениците од VI/4 одделение класен раководител: Катица Стојчевска

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

5. ПРОГРАМА ЗА ТРОДНЕВНА НАУЧНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ Западна Македонија

Време на реализација: ***Септември/октомври или Мај/Јуни***

Место на одржување: ***Западна Македонија***

Воспитно образовни цели:

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- Негување на старите културни вредности и обичаи,
- Запознавање со историјата на овие простори,
- Развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

Задачи:

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- Да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

Носители на активностите:

- класни раководители
- учениците од IX одд.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Маја Б. Величковска - класен раководител на IX-1 одделение

Одговорни наставници: класните раководители IX-2, IX-3 и IX-4 одделение: Ивица Петрушевски, Катерина Лукарова, Елена Малинова

Финансирање: Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од

шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

План на патувањето:

- ***1.ден*** Тргнување на групата од пред училиште во 8:00 часот. Се патува преку Велес, со попатен одмор на брегот на Велешкото Езеро. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Од Прилеп се продолжува кон Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен-куќата на Тоше Проески. Се продолжува во Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак. Од тука се тргнува кон крајната дестинација за овој ден - Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел. Вечера, организирана забава за учениците. Ноќевање.
- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера. Ноќевање
- ***3.ден*** Појадок. Посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија, на истекот од Охридското Езеро и по течението на Дрим, посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

Ученици - учесници во тродневна екскурзија низ Западна Македонија

- Учениците од IX-1 одделние, класен раководител: Маја Б. Величковска
- Учениците од IX-2 одделение, класен раководител: Катерина Лукарова
- Учениците од IX-3 одделение, класен раководител: Ивица Петрупевски
- Учениците од IX-4 одделение, класен раководител: Елена Малинова

За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.

6. ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

Време на реализација: Април/Мај

Место на одржување: Охрид

Наставни теми: животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето минато, скокови во далечина, пеење.

ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

- **Глобални цели**

Учениците непосредно да се здобијат со знаења, претстави и поими за природната средина и општественото живеење на луѓето во крајот што ќе го посетат, како и запознавање со историското минато, културно - историските знаменитости, ширење на пријателство и соработка со врсниците од крајот што се посетува. Предзнаењата и знаењата стекнати во училиштето и домот се дополнуваат, се дооформуваат, се потврдуваат и се систематизираат;

- **Цели**

- да се поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- да се оспособуваат за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- да се оспособуваат за критички осврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособуваат за активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен
(трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување,

собирање податоци, споредување и средување податоци, истражување, анализа и синтеза на стекнатите знаења);

- да се запознаат со природните богатства/ресурси;
- да се разберат настаните, појавите, природни богатства, стопанството, културно-

историски споменици и знаменитости, културата и традицијата на делови од Р.Македонија);

- да се развиваат способностите на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторно претставување, ориентирање и снаоѓање);
- поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења, соработка со други во групата, соработка со возрасни);
- социјализација и едукација на учениците;
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа;

➢ **Наставни форми**

- Групна
- Парови/тандем
- Индивидуална

- **Наставни методи**
  - Говорна метода
  - Текст метода
  - Метод на пишување
  - Метод на практична работа
  - Метод на проблемско учење
  - Метод на учење со откривање
  - Метод на истражување
  - Метод на игра
- **Активни методи**
  - Автентично учење
  - Учење преку решавање проблеми
  - Акциски проект
  - Критичко размислување
  - Самостојно истражување
  - Стратегии за критичко мислење
- **Техники на учење**
  - Бура на идеи
  - Грозд
  - Умна мапа
  - Интервју
  - Минутна работа
  - Петоред
  - ЗСУ- знам, сакам да знам, учам

ЗАДАЧИ

- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции
- позитивен однос конверските и културните вредности
- социјализација и колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за мздраво живеење
- развивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и добри меѓусебни односи.

6.1. Планирани посети за време на престојот во објектот

Панорамско запознавање со објектите и локалитетите крај патот и водење карта на патувањето:

- Полошка Котлина-Гостивар, Вруток (посета)
- Мавровско Езеро (панорамско разгледување)
- По текот на реката Радика (панорамско разгледување)
- Манастир Св.Јован Бигорски (посета)
- ХЕЦ,,Глобочица,,-Дебарско Езеро(панорамско разгледување)
- Вевчански извори (посета)
- Струга, куќата на браќата Миладиновци (посета)
- Посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“,
- Набљудување на истекот на реката Црн Дрим-Мостот на поезијата (посета)
- Посета на хотел (разговор за туризам)
- Охрид, Плаошник, Самоилова тврдинина (посета)
- Куќата на Робевци (посета)
- Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, (посета)
- Битола, Хераклеа (посета)
- Прилеп, Могила на непобедени (посета)
- Велес, Велешко Езеро (панорамско разгледување)

6.2. Задачи на истражувачкото училиште

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, како и зависноста на луѓето од природните услови и менување на средината на живеење, работа и секојдневен живот на луѓето во крајот.
- Запознавање со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење.
- Да се запознаат со позначајни културно-истористки, стопански и други објекти како што се: црквСв.Стефан, Манастир Св.Јован Бигорски, посета на куќата на браќата Миладиновци, посета на куќата на Робевци, посета на Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, Манастир Св.Наум и извор на Црн Дрим, Хераклеа, Могила на непобедените.

- Да стекнат основни сознанија за Екологијата, да развиваат позитивен однос кон животната средина.
- Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет на Охридското Езеро.
- Да ги препознаваат, собираат и ја знаат користа од лековитите билки.
- Да се запознаат со занимањата на луѓето во крајот(рибарство, туризам, угостителство и др.)
- Да се оспособат за движење и ориентација во просторот.
- Учениците да се вклучат во извршување на различни задачи, притоа да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина.
- Да стекнат и негуваат работни и хигиенски навики за одржување на лична и општа хигиена.
- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен натпреварувачки дух, правилен психички развој како резултат на позитивното влијание на повеќедневен престој во здрава природна средина.

6.3. Подготовки и реализација на програмата

Прв ден

- ⇨ Сместување на учениците и багажот во автобусот. Поаѓање во 8:00 часот пред училишната зграда.
- ⇨ Се патува преку Тетово, Гостивар, с.Вруток (попатно-панорамско набљудување на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од каде што извира реката Вардар-Вруток, се продолжува Маврово (разгледување на Мавровското Езеро), посета на манастирот Св. Јован Бигорски.
- ⇨ Пристигнување во Охрид и сместување
- ⇨ Запознавање со куќниот ред
- ⇨ Прошетка и разгледување на непосредната околина.
- ⇨ Ручек.
- ⇨ Попладневен одмор.
- ⇨ Пишување извештај за патувањето, попатното набљудуваље и реализираните посети. Работат во групи (пишување и илустрирање).

Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Користење техника ЗСУ за стекнување нови знаења за градот Струга и неговите знаменитости. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден.

- ⇨ Вечера
- ⇨ Дружење и забава
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

Втор ден

- ⇨ Будење во 7:00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7:30 до 8:00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Прошетка покрај езерскиот брег, запознавање со местото, околината, релјефот, животинскиот и растителниот свет во вода и покрај вода. Истражување и прибирање податоци. Враќање во одмаралиштето. Пишување извештаи за посетите и истражувањето. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења.
- ⇨ Ручек
- ⇨ Попладневен одмор
- ⇨ Организирање на спортски натпревари
- ⇨ Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на вториот ден.
- ⇨ Вечера
- ⇨ Дружење и забава
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

Трет ден

- ⇨ Будење во 7:00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7:30 до 8:00
- ⇨ Појадок

- ⇨ Посета на градот Струга, прошетка низ чаршијата и запознавање со старите занаети. Разговор и правење на интервју со занаетчиите. Фотографирање на градот Струга и запознавање со неговите културно-историски карактеристики.
- ⇨ Посета на природно-научниот музеј разгледување на експонатите и разговор со стручните лица. Посетана спомен куќа на браќа Миладиновци. Враќање во одмаралиштето.
- ⇨ Ручек
- ⇨ Попладневен одмор
- ⇨ Пишување на извештаи за посетите, нивна илустрација и презентација. Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден.
- ⇨ Организирање на спортски натпревари и социјални игри.
- ⇨ Прошетка покрај езерскиот брег и собирање растенија, каменчиња и разни други природни материјали.
- ⇨ Вечера.
- ⇨ Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена.
- ⇨ Организирана забава и дружење на учениците.
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

Четврти ден

- ⇨ Будење во 7:00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7:30 до 8:00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Посета на Вевчанските извори. На враќање посета на Дељан кај што се мрестат јагулите на реката Црн Дрим. Враќање во одмаралиштето.
- ⇨ Ручек
- ⇨ Попладневен одмор
- ⇨ Пишување на извештаи за посетите и нивна презентација. Цртање според извршеното набљудување. Водење на групен дневник за

местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на четвртиот ден.

- ⇨ Организирање на спортски натпревари и социјални игри.
- ⇨ Прошетка покрај езерскиот брег, собирање растенија и нивна калсификација.
- ⇨ Вечера.
- ⇨ Организирана забава и дружење на учениците.
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Спиење во 22 часот

Петти ден

- ⇨ Будење во 7:00 часот и средување на собите
- ⇨ Лична хигиена
- ⇨ Утринска гимнастика 7:30 до 8:00
- ⇨ Појадок
- ⇨ Подготовка на багажот 9:00 – 10:00
- ⇨ Ручек
- ⇨ Враќање преку Охрид (посета на градот, чаршијата, Амфитеатарот, Плаошник – по договор) и краток престој на Стража.
- ⇨ Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

- ➢ **Активности во слободно време**

Прва етапа од 11 до 12 часот

Во ова време учениците активно се одмараат од претпладневните активности и тоа преку организирани прошетки и игри во природната околина на објектот. При крајот на оваа етапа учениците се подготвуваат за ручек.

Втора етапа од 13 до 15 часот

Време наменето за попладневен одмор

Трета етапа од 15:30 до 17 часот

Организирање квиз натпревари на знаење

Четврта етапа 17:30 до 19 часот

Организирање на групни натпревари во разни спортски активности. Подготовка за вечера

Петта етапа 20 до 21:30 часот

Активности од културно забавен карактер

6.4. Наставни содржини што ќе се реализираат за време на наставата во природа

- **Македонски јазик**
  - ⇨ Изразување и творење – Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината;
  - ⇨ Говорна и писмена вежба (истражуваме – учиме - пишуваме): Браќа Миладиновци, паркот на поезијата,
  - ⇨ Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно – историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.);
  - ⇨ Пишуваме извештај за посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“, илустрираме што ни остави впечаток;
  - ⇨ Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Вевчанските извори, Дељан (мрестилиште на јагули), Црн Дрим;
  - ⇨ Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Охрид (чаршија, Плаошник...)
  - ⇨ Изработуваме информативна книга;
- **Математика**
  - ⇨ Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци);
  - ⇨ Километар;
  - ⇨ Мерки – повторување;
  - ⇨ Работа со податоци;
- **Природа**
  - ⇨ Растителниот и животинскиот свет во и покрај вода – Охрид, релјеф;
  - ⇨ Живеалишта и врска меѓу организмите и живеалиштата;
  - ⇨ Растенија покрај езерскиот брег и блиската околина;
- **Општество**
  - ⇨ Традицијата и културно - историските карактеристики на Струга;
  - ⇨ Повторување на знаењата;
- **Музичко образование**
  - ⇨ Темпо: брзо – бавно;
  - ⇨ Знак за позвторување;

- **Ликовно образование**
  - ⇨ Сликање/цртање на впечатоци од посети (техника по избор);
  - ⇨ Ликовно изразување по доживување – слободна техника
- **Физичко и здравствено образование**
  - ⇨ Натпревар – народна топка;
  - ⇨ Фудбал, ракомет;
  - ⇨ Елементарни игри;

Носители на активностите:

- одделенските раководители
- учениците од V одд.

Начин на реализација:

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

Раководител на екскурзијата: Даниела Салтирова- одделенски раководител на V-2 одд.

Одговорни наставници: одделенските раководители V-1, V-3 и V-4 одделение: Светланка Пешовска, Ивана Илевска, Вилдана Суљовиќ.

Техничка организација: Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

Технички услови на објетот:

- исхраната е подготвена по норматив, листа на јадења усогласена според возраста и поребите на учениците, три оброци и ужинка;
- сопствена здравствена амбуланта, здравствена заштита на учениците 24 часа;
- училници за изведување настава;
- спортски терени, услови за спотрско – рекреативен и културно – забавен живот;
- рекреатори;
- физичко обезбедување на објектот.

Начин на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите

Начин на вреднување и користење на резултатите: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

6.5. ПЛАН ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАБЉУДУВАЊА И ПОСЕТИ НА ЗНАМЕНИТОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

Набљудувања:

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

Посети:

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје, Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на ВМРО
- Библиотека “Другарче”
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Изложби
- Црква Св. Спас и Даут-Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јахја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата: пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица

- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

Цели:

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на:
  - лично обраќање кон други луѓе;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување;
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар, претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина;

⇨ ***<u>Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзи, излети и воннаставни активности:</u>***

1. ***Адријана Младеновска – директор***
2. ***Александра Стојчевска-предметен наставник***
3. ***Катица Стојчевска-предметен наставни***
4. ***Светланка Пешевска-одделенски настваник***
5. ***Маја Б. Величковска-предметен наставник***
6. ***Емилија Блажевска-одделенски наставник***
7. ***Даниела Салтирова-одделенски наставник***

ПРИЛОГ 30

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБАТА 2025/26 ГОДИНА

ПЛАНИРАНИ НАПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Натпреварите се организираат за да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на наставниот план и програма за основно образование. Со организирање и учество на учениците на овие натпревари се мотивираат да стекнуваат поголеми знаења, а се врши и афирмација на самото училиште.

Назив на натпревар	Временска рамка	Одделение
Информатички натпревар - Дабар	ноември	III - V
Општински натпревар по математика	февруари	IV - V
Регионален натпревар по математика	март	IV - V
Меѓународен натпревар - Кенгур	март	I - V
Општински натпревар по природни науки	март	IV - V
Регионален натпревар по природни науки	април	IV - V
Меѓународен натпревар по англиски ј. ХИПО	март	IV - V
Училишен натпревар за теоретски и практични обученоста за самозаштита	Мај	I- V

Цели	Содржини/ Активности	Реализатор	Време на реализација	Очекувани ефекти
Изготвување план и распоред	Планирање на училишни натпревари	Одговорни наставници по предмети	септември	Успешна реализација на училишните натпревари

Навремено информирање за организирање интерни натпревари	Изготување план за одржување интерни натпревари	Одговорни наставници по предмети	ноември	Транспарентност и навременост во информирањето
Поттикнување интерес и развивање афинитети кон одредени науки, спортски и ликовни активности	Менторски активности за подготовка на учениците	Одделенски и одговорни наставници по предмети	ноември/декември	Продлабочување на знаењата и вештините на учениците
Учество на учениците на интерните натпевари во училиштето	Спроведување на училишните натпревари	Одговорни наставници по предмети	декември, февруари	Избор на ученици кои ќе одат на натпревари од повисок ранг
Учество на учениците на натпревари од повисок ранг	Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (градски, општински и државни натпревари) Меѓународен математички натпревар Кенгур	Одделенски и предметни наставници ученици	второто полугодие (март, април, мај)	Учество и афирмација на учениците учесници
Развивање натпреварувачки дух кај учениците како значајна компонента од нивниот развој и формирање на	Одржување на натпревари од повисок ранг (градски, општински и државни натпревари) по: македонски јазик,	Предметни наставници Ученици	второто полугодие (март, април, мај)	Изградена смодоверба и натпреварувачки дух кај учениците

личноста	англиски јазик, математика, натпревари по хорски и оркестарски смотри			
Презентирање на извештајот од одржаните натпревари	Анализа и сумирање на резултатите од одржаните натпревари	Одговорен наставник и стручни соработници	јуни	Постигнати високи резултати на регионални натпревари Промоција на училиштето

ПЛАНИРАНИ НАПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА

АНГЛИСКИ ЈАЗИК Наставник: Катерина Лукарова,Весна Кочова,Јосиф Шапкалиев, Андријана Недевска		
Назив на натпревар	**Временска рамка**	**Одделение**
HIPPO COMPETITION	Март	VI-IX
Натпревар по англиски јазик во организација на ELTAM	Март-мај	VI-IX
Натпревар по англиски јазик организиран од приватно средно училиште Јахја Кемал	Декември	IX

ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК Наставник: Анета Митевска, Наташа Апостолова			
Назив на натпревар	**Време на оддржување**	**Планирани ученици за натпревар**	**Одделение**
Натпревар за VII одд. спелување(правопис)	Ноември	Учениците ќе се пријават во текот на учебната година	VII
Олимпијади (регионален/ државен натпревар)	Март/Април	Учениците ќе се пријават во текот на учебната година	VIII-IX

Натпревар за VI одд.(Power point - презентација)	Април/мај	Учениците ќе се пријават во текот на учебната година	VI
Натпревар по пишување поезија	Второ полугодие	Учениците ќе се пријават во текот на учебната година	VI-IX
ЗАБЕЛЕШКА:Во зависност од Здружението на професори по француски јазик можни се измени во програмата за реализација.			
ИНФОРМАТИКА Учество на натпревари за учениците од 6то до 9то одделение по Предметите Информатика Наставник: Марина Пејковска			
▪ Сите ученици од 1во до 9то имаат можност за учество на Интернационалниот натпревар ДАБАР што го организира ЗИМ (Здружение на Информатичари на Македонија). Овој натпревар се одржува во Ноември. ▪ Учениците од 6то до 9то одделение имаат можност да учествуваат во текот на второто полугодие на Натпреварите по Информатика во организација на ЗИМ и на средните училишта САБА и Алгоритам			
МАТЕМАТИКА Одговорни наставници: Лиле Сарваноска,Билјана Стојановска,Јулија Атанасовска,Александра Стојчевска			
▪ Учествуво на Општински натпревар по математика организиран од СММ – Февруари ▪ Регионален натпревар по математика – Март ▪ Државен натпревар по математика – Мај ▪ Олимпијада ЈММО -Јуни (учеството на регионален,државен и Олимпијада е во зависност од пласманот на натпреварите соодветно)			
БИОЛОГИЈА/ПРИРОДНИ НАУКИ Одговорен наставник: Бојана М.Личева,Душанка Китановска			
▪ Општински натпревар -февруари ▪ Регионален натпревар-март/април ▪ Државен натпревар -мај/јуни ▪ Натпревари по Прва помош за основно образование во организација на Црвен крст на Македонија			

- Училишен натпревар за теоретски и практични обученоста за самозаштита

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Одговорен наставник: Катица Стојчевска,Елена Малинова,Марија Шереметкоска

- Ученички квиз натпревари и литературни конкурси (на ниво на училиштето)

1. се организираат од предметниот наставник на или надвор од часовите по македонски јазик со цел да се продлабочат и прошират знаењата на учениците по предметот македонки јазик и литература , како и да се мотивираат учениците за учество во воннаставни активности.

- Ученички театарски фестивал Маски (на ниво на општина Гази Баба)

2. се организира на ниво на општина Гази Баба и учество земаат сите основни училишта во општината, преку драматизација на текст по избор.
3. Учениците од 9-то одделение имаат можност да учествуваат на натпреварот Европски квиз на парите кој се одржува во март или април

ХЕМИЈА

Одговорен наставник: Елена Томевска

- Согласно програмата на Сојузот на хемичари и технолози, ќе биде организиран натпревар во знаење од областа хемијата на општинско, регионално и државно ниво во текот на второто полугодие.
- Општински-февруари
- Регионален-мај
- Државен-мај
- Училишен натпревар за теоретски и практични обученоста за самозаштита

ФИЗИКА

Одговорен наставник: Александра Стојчевска

- Општински натпревар -февруари
- Регионален натпревар-април
- Државен натпревар -мај/јуни

ГЕОГРАФИЈА

Одговорен наставник: Маја Величковска

- Согласно програмата на Здружението на професори по географија на Македонија (ЗПГМ), ќе биде

организиран натпревар во знаење од областа географија на општинско, регионално и државно ниво во текот на второто полугодие.

- Во текот на учебната година за учениците од осмо и деветто одделение се организира квиз по општо знаење “Квизотека”, во организација на пионерски дом “Карпош”
- Училишен натпревар за теоретски и практични обученоста за самозаштита

МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Одговорен наставник: Ванчо Јовчев

- Општински натпревар – Хор и оркестарски смотри
- Градски натпревар – Хор и оркестарски смотри
- Државен натпревар – Хор и оркестарски смотри

Натпреварите ќе се реализираат во април и мај месец.

ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Наставник: Марија Н.Наневска

	Цели	**Време на реализација**	**Наставник**	**Реализатори**
Ликовни натпревари и конкурси	Поттикнување на натпреварувачки дух, тимска работа и развивање на толеранцијата кај учениците.	во текот на целата учебна година	Марија Н.Наневска	VI-IX одделение

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Одговорен наставник: Јорданчо Тодосиев,Јовица Димески,Ивица Петрушевски, Томислав Спасовски

Спортски натпревари

Согласно програмата на Федерацијата на училишен спорт на Македонија (ФУСМАК) и Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба (ОСУСГБ) следните натпревари ќе се реализираат на општинско, регионално и државно ниво.

	Ниво/тип на натпревар	**одделение**	**Одговорен наставник**	**Време на реализација**

Фудбал (машки)	Општинско/лига	VI-IX	Јорданчо Тодосиев, Јовица Димески, Ивица Петрушевски, Томислав Спасовски, Филип Петровски	Во текот на учебната година според програмата на ФУСМАК и ОСУСГБ
Фудбал (женски)	Општинско/турнир			
Кошарка (машки)	Општинско/лига			
Одбојка (женски)	Општинско/лига			
Ракомет (женски)	Општинско/турнир			
Кошарка (женски)	Општинско/турнир			
Пинг понг	Општинско/турнир			
Атлетика	Општинско и државно			
Тенис	Општинско			
Шах	Општинско			
Крос-трки	Општинско			
Биатлон	Општинско			
Стрелаштво	Општинско и државно			
Напомена: Најдобрите екипи од екипните спортови и поединци од индивидуалните спортови од Општина Гази Баба продолжуваат на Градски, Регионални и Државни натпревари.				

⇨ ***<u>Училишен тим за натпревари:</u>***

1. **Марина Пазаркоска-психолог**
2. **Биљана Јовчева- одделенски наставник**
3. **Марија Наневска-предметен наставник**

ПРИЛОГ 31

ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

	Име на проект	Цел	Исход	Реализатор	Временска рамка	Средства за реализација	Начин на финансирање
1	„Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба“	Создавање „едно“ училиште за сите ученици, независно од нивната етничка припадност, и поттикнување и развивање на граѓанската партиципативност на учениците од основните училишта на општина Гази Баба. - промовирање на меѓуетничка соработка, почитување на разликите и високо вреднување на солидарноста,	Создавање современи воспитно-образовни установи со еднакви услови за образование на сите, во кои ќе се негува сопствениот национален и културен идентитет, а едновремено ќе се почитуваат различностите и ќе се промовираат вредностите на меѓуетничката интеграција.	МЦГО; Преставници од Секторите на МОН; Одделението за јавни дености при Општина Гази Баба; Комисија за реализација на стратегијата составена од преставници од сите 11 училишта во општина Гази баба; преставници од општина и советници во општината. Членови на комисија: 1.Валентина Ангеловска- Киевска, Одделение за јавни дејности, Општина Гази Баба Елизабета Анчевска, Одделение за јавни дејности, Општина	Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од декември 2020 до декември 2025 година	Тековно утврдени според потребите од договорените активности од буџетот на Општина Гази Баба 1.општински и училишен парламент - zoom 17.000,00 ден - превоз на ученици за посета на парламентот 15.000,00 ден - изработка на флаери	Општина Гази Баба

		-учениците се подготвуваат за живот во мултиетничко општество		Гази Баба; Роза Јаневска, ООУ „Дане Крапчев“; Македонка Настевски, ООУ „Крум Тошев“; Светлана Петровска, ООУ„Наум Наумовски Борче“; Татјана Силјановска Гочкова, ООУ„ Григор Прличев“ Сузана Курбардовиќ, ООУ„ 25 Мај“; Никола Попадиновски, ООУ „Вера Јоциќ“; Ивана Петровска, ООУ„Његош“ Мери Тодорова Младеновска, ООУ „Стив Наумов“; Дијана Илиевска, советник во Советот на општина Гази Баба.		15.000,00 ден 2.Квиз на знаење -награди и дипломи 200.000,00 3.Изработка на WEB страна - одржување 30.000,00 ден -изработка 300.000,00 ден 4.Изработка на макети на народни носии -потрошен материјал 55.000,00 ден -пари за изложба 30.000,00 ден ВКУПНО: 662.000,00 ден	

2	„Градиме нови мостови“	Општата цел на Фондот за интегрирано образование е да ги зајакнат меѓуетничките односи и социјалната кохезија во рамките на училишните средни преку зголемени интегрирани образовни практики и меѓукултурни размени. Фондот има за цел е да ја зголеми меѓуетничката интеракција, разбирањето и интеграцијата помеѓу децата и младите преку мотивирање и финансиска поддршка на повеќејазични училишта	градење инклузивни општества кои го негуваат и се гордеат со културниот плурализам и ја почитуваат толеранцијата, дијалогот и соработката, во клима на меѓусебна доверба и разбирање како најдобри гаранции на социјалниот мир и безбедноста	Тимови МИО, Координатори на МИО од ООУ „Дане Крапчев“, ООУ „25 Мај“ и ООУ „Наум Наумовски-Борче“, наставници по природни науки и ликовно образование,ученици од IV и VI одделение, директори на училиштата,родители	јуни 2023 - мај 2024 година	334.310, 00 МКД	МОН и Мисијата на ОБСЕ

		(основни и средни), градинки и/или споени еднојазични училишта/градинки со различни наставни јазици, како и педагошки установи за спроведување заеднички наставни и воннаставни активности.					
3	Проект„Квалитетно образование за сите – Северна Македонија“ - „Едукација за демократска култура – од политика до практика“	-промовирање на демократијата и човековите права преку образованието - да се создаде средина за поддршка која ги поддржува демократските вредности, свеста за човековите права и активен граѓански ангажман кај	- да се споделат добри практики од регионот; да се осигура дека проектот е одржлив на долг рок; -Зајакнување на имплементацијата на одредбите поврзани со инклузивно и мултикултурно образование во Националната образовна	Флориан Трагер-Штајнтјес, Прв секретар, Раководител за печат и култура, Амбасада на Сојузна Република Германија во Скопје; Членови-МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Центар за стручно образование и обука, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, СЕ,	од декември 2022 до ноември 2025 година	800.000 € финансиран и од Германија	имплементиран од Советот на Европа, а финансиран од Германија и поддршка на МОН

		помладата генерација	стратегија од страна на креаторите на образовните политики, институциите и професионалците. -25 пилот училишта (12 општи и средни стручни и 13 основни училишта) ќе бидат поканети за да се вмрежат со локалните заедници и граѓанските организации за да обезбедат инклузивна и овозможувачка средина за учење за сите ученици. -Наставниците ќе добијат алатки за развивање на нови	Институт за Педагогија -училишта, наставници, ученици, директори, стручни соработници, УО, родители			

			професионални вештини, практики и ставови кои подобро придонесуваат за развој на вештините за демократска култура кај учениците.				

⇨ Одговорен наставник
1. Специјален едукатор и рехабилитатор

ПРИЛОГ 32

Училиштето овозможува активно учество на учениците во одвивањето на сите активности и домени во училиштето кои се однесуваат на нив. Се обезбедуваат атмосфера и услови што ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, и градење механизми и процедури кои им овозможуваат на учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето. Училиштето овозможува учениците да се здружуваат и активно да учествуваат преку следните модели: одделенска/класна заедница, ученички парламент, ученик правобранител.

<u>Организирање во заедница на паралелката</u>

Во одделенската/класната заедница се избира претседател и заменик претседател согласно постоечката Процедура. Работата на одделенската/класната заедница ја води

претседателот на одделението. За успешно функционирање на одделенската заедница претседателот треба да ги извршува следните задачи:

-Првата недела после изборот на постојаните тела претседателот го свикува првиот состанок и ќе изготват план за работа за учебната година со предлог активности во кои ќе бидат вклучени сите членови на одделенската заедница.

-Претседателот е должен да свикува минимум еден состанок во месецот на кој ќе се разгледуваат тековните потреби на учениците од одделението/класот, ќе се разговара за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа.

-На овие состаноци во согласност со потребите може да се донесе и одлука за формирање на повремени тела за кој одделенската/класната заедница смета дека е неопходно нивно формирање.

Ученичкиот парламент

Ученичкиот парламент е најзначаен облик на организирање на учениците на ниво на училиште во кој членуваат сите претседателите на одделенските/класните заедници во едно училиште. На конститутивна седница, која се одржува во последната работна недела во месец септември, се избира комисија од тројца членови која го спроведува изборот на претседател на ученичкиот парламент. Во работата на претседателот на ученичкиот парламент му помагаат заменик-претседател и секретар на ученичкиот парламент кои се избираат на истиот начин, со поднесување пријава, тајно гласање. Ученичкиот парламент е надлежен да:

- ги донесува Правилникот за работа на класни заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент;
- активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
- активно учествува во промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците;
- го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации соработува со институциите и другите организации кои работат со младите.

Ученик правобранител

Во учебната 2025/2026 година ќе се избира нов ученик правобранител. Одговорниот наставник заедно со стручната служба подготвува отворен повик за избор на ученик правобранител и негови заменици, на кој може да аплицираат само учениците од VIII и IX одделение за ученик правобранител, а за заменици може да аплицираат и ученици од VII одделение. Се следат утврдените Чекори за селекција и однапред утврдени критериуми. Мандатот на Ученикот правобранител и неговите заменици е 2 години. Улогата на Ученик правобранител и неговите заменици се состои од три примарни компоненти, едукативна заштита на детските права и доставува поплаки до стручната служба на натамошно решавање и поднесување претставки до Народниот правобранител согласно утврдената процедура.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Согласно правилникот за начинот за изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците, тимот изработи програма за екскурзии излети и настава во природа за тековната учебна година. Училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците имаат за цел совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето. Задачите се истражување, развивање интерес за природата, градење еколошки навики, градење чувство за толеранција и соживот, социјализација, стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Според својата функција, цели и задачи, училиштето изготвува

- План и содржина на екскурзиите во кои се наведени;
- Време на изведуање;
- Воспитно-образовни цели;
- Траење на екскурзиите;
- Опфатени ученици;
- Релации и места за посетување;
- Време за одмор, дружење и разонода;
- Водич на ексурзијата и наставници;
- Учество на лекар и родители;
- Финансиски потреби за екскурзијата;
- Техничка организација.

Ученичките екскурзии и посети се планираат согласно Правилникот за изведување ученички екскурзии и посети.

Вид на екскурзија	Место	Одделение	Време на изведување
Излет	Лешок	IV-IX	септември/октомври 2025
Излет	Св. Никита Скопска Црна Гора	I - III	септември/октомври 2025
Излет	Кучково	I – IX	април/мај 2026
Еднодневна екскурзија	Крива Паланка	III	септември/октомври 2025
Тридневна екскурзија	Централна и Западна Македонија	IX	септември/октомври 2025
Дводневна екскурзија	Источен дел Македонија	VI	април/мај 2026
Настава во природа	Охрид	V	април/мај 2026

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Вонучилишни активности	Број на ученици	Паралелки
Основно музичко училиште	10	I, III, IV, VI, VIII и IX одделение од централното и подрачното училиште
Балетко училиште	3	III, IV, V од централното училиште
Училиште за танц	20	Од I - IX од централното и подрачното училиште
Кошаркарски клуб	18	Од VI - IX од централното и подрачното училиште
Фудбалки клуб	19	Од VI - IX од централното и подрачното училиште
Одбојка	18	Од VI - IX од централното и подрачното училиште
Боречки вештини	5	Од I - VII од централното и подрачното училиште
Пливање	5	Од III - IX од централното и подрачното училиште
Ракомет	12	Од I - IX од централното и подрачното училиште
Училиште за ментална аритметика	3	Од I - IV одделение

Забелешка: Овие податоци за бројот на ученици и вид на активности може да се променат со почетокот на учебната година.

12. Натпревари за учениците

Натпреварите претставуваат важен сегмент од воспитно-образовниот процес и значаен механизам за унапредување на знаењата, развојот на критичкото мислење и поттикнување на натпреварувачкиот дух кај учениците. Во текот на учебната 2025/2026 година, во ООУ „Кирил и Методиј“ – Стајковци, предвидено е учество на учениците во повеќе нивоа на натпревари: меѓуодделенски, училишни, општински, регионални и државни.
Натпреварите ќе бидат организирани по различни предмети и области, меѓу кои се: математика, македонски јазик, природни науки, физика, хемија, биологија, историја, географија, ликовно образование, спорт. Наставниците ќе работат со учениците кои покажуваат интерес и потенцијал преку дополнителни активности, подготвителни часови и индивидуална поддршка. Се очекува учениците да се мотивираат за повисоки постигнувања, а наставниците да го подигнат квалитетот на наставниот процес преку работа со надарени ученици.
Покрај предметните натпревари, планирано е училиштето да организира и внатрешни тематски натпревари**.**
Целта на овие натпревари е да се вклучи што поголем број ученици, да се поттикне креативноста, тимската соработка, спортскиот дух и љубопитноста.
Учеството на учениците на различни натпревари не само што придонесува за нивниот личен развој, туку ја зголемува и вкупната видливост и углед на училиштето во поширокаата заедница. Резултатите од натпреварите ќе се документираат, промовираат преку училишниот веб сајт, огласна табла и настани, а учениците ќе бидат соодветно пофалени и наградени

согласно Правилникот за наградување на ученици, училиштето овозможува симболични награди и дипломи/пофалници за најдобрите ученици.

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Во оваа учебна година директорот ќе формира нов тим за училишна интеграција кој се менува на три години и составен од пет до седум члена: директор, претседател на Ученички парламент, Ученик-правобранител, стручен соработник и наставници. При формирање на тимот за училишна интеграција, се води грижа за учество на наставници кои предаваат на двата јазика застапени во наставата во нашето училиште. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат за почитување на мултикултурализмот, за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и за унапредување на меѓуетничката интеграција.Во оваа насока се овозможени активности кои од учениците и сите учесници во воннаставни активности бараат активен пристап и промовирање на сите културни вредности во целост.

Тимот за училишна интеграција, во соработка со наставниците, задолжително изработува план за активности кои се планирани во годишната програма на училиштето, во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, надминување на стереотипите и предрасудите.

Партнер-училиште со кое ќе се реализираат мултикултурните активности е ООУ „Григор Прличев“ и ООУ „Крсте Мисирков“ од Гази Баба, како и ДУЦОР „Партение Зографски“. Целта е да се подобрат меѓуетничките односи во образовниот систем, да се придонесе за унапредување на мултикултурализмот и интеркултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различностите, како и размена на културните и верските вредности поврзани со суштинските одлики на младинскиот активизам.

Меѓуетничката интеграција во образованието во нашето училиште се применува преку интегрирани часови и едукативни работилници, во воннаставни активности, секции, дебати на Ученичката заедница и парлемент, различни типови приредби, претстави, спортски натпревари, посети на објекти и слично.

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште продолжува со веќе утврдена пракса за реализирање на проекти ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во училиштето се рализират следните проекти:

Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Целта на оваа Програма е рационално користење и намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија, на водата, здрава средина за учење и уреден и функционален училишен двор во согласност со потребите за заштита на животната средина. Ќе се реализира преку интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите и наставните содржини од I-IX одделение преку имплементирање на активности на часовите во редовната настава и ВНА, а ќе се вклучат сите субјекти во училиштето, родители, локална самоуправа и други институции.

Меѓуетничка интеграција во образованието

Како двојазично училиште, наш приоритет е мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција и младински активизам. За таа цел учествуваме во сите постоечки проекти во државава кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на наставниците и учениците за изведување на заеднички активности. На пример, поддржувачи на вакви активности се МОН, ОБСЕ, УСАИД, МЦГО, МОФ и општина Гази Баба.

Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Целта на овој проект е преку разни активности да се зајакне врската родител – ученик - наставник, со што во образовниот систем ќе се започне со зајакнување на воспитната компонента во процесот на основното образование.

Еразмус, еТвининг

Преку Еразмус проектите наставниците имаат можност да комуницираат, соработуваат, да дебатираат, да иницираат и развиваат проекти во кои се вклучени и учениците, да споделуваат знаења, искуство, активности и добри практики од цела Европа и пошироко. Воедно нуди и стручно усовршување на наставниците преку вебинари. Активностите на е-Твининг платформата поттикнуваат соработка меѓу европските училишта со примена на разни ИКТ алатки достапни на етвининг платформата и изработка на виртуелни проекти.

Во текот на учебната година ќе бидат реализирани и краткотрајни интерни проекти, како и проекти организирани во соработка со локалната заедница и Општината Гази Баба.

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години. Педагогот прави споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик.

Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави во своите индивидуални планирања и се воедначува на ниво на активи. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето. За мотивација на учениците ќе се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавноста, на Facebook-профил на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината. На крајот на учебната година директорот доделува пофалници на сите ученици кои постигнале добри резултати и го промовирале училиштето.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на учениците и родителите/старателите при избор насредно училиште, согласно особеностите, способностите, афинитетите и интересите наученицте. Формиран е Тим за професионална ориентација учениците и координатор на тој тим е психологот на училиштето. Во тимот исто се вклучени одделенските раководители на учениците од 8 и 9 одделение и наставниците по Граѓанско образование и Иновации. Тимот работи според Програмата за професионална ориентација во чија реализација се вклучуваат и претставници од средните училишта, кои ги информираат учениците и родителите за услови за запишување во средните училишта, наставни предмети и насоки и можности за натамошно школување по завршување на средното училиште.

Психологот користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение. Во рамки на програмата ќе се реализираат разговори и советувања со учениците и нивните родители односно старатели, психолошки работилници за професионална ориентација согласно изготвената програма, идентификување на интереси и психолошки карактеристики на учениците од IX одделение.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Промоција на добросостојба на учениците

- Училиштето создава безбедна и поддржувачка средина каде што учениците се чувствуваат прифатено и почитувано.
- Се организираат активности и програми насочени кон менталното, емотивното и физичкото здравје на учениците.
- Поттикнување на позитивни меѓучовечки односи и развој на социјални вештини преку групни активности, спорт и културни настани.

Заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање

- Училиштето има јасни протоколи и процедури за превенција и интервенција при случаи на насилство, злоупотреба и запуштање.
- Наставниците и стручните соработници редовно се обучуваат за препознавање и справување со овие проблеми.
- Се обезбедува доверлива комуникација и поддршка за учениците кои се жртви или сведоци на насилство.
- Соработка со родители, институции и организации кои работат на заштита на децата и младите.

Спречување дискриминација

- Училиштето активно промовира родова еднаквост, мултикултурализам и меѓуетничка интеграција.
- Се спроведуваат едукативни активности за почитување на различностите и превенција на дискриминација по било кој основ.
- Создавање на инклузивна атмосфера каде што секој ученик има еднакви можности за учење и развој.

ООУ „Кирил и Методиј“ посветено работи на создавање безбедна и поддржувачка средина за сите ученици, со акцент на нивната добросостојба, заштита од насилство и злоупотреба, како и спречување на дискриминација. Овој пристап овозможува учениците да се развиваат во здрави, сигурни и почитувани личности, подготвени за успешен живот и учество во општеството.

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето.Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. Постигањата на ученикот, во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки, на крајот на првото полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Во третиот период, постигањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки.

Согласно со Концепцијата за основно образование, во основното училиште се оценуваат и постигањата на учениците од слободните изборни предмети. Слободните изборни предмети се предмети кои имаат за цел да обезбедат развој на ученикот и да го мотивираат за самостојно учење и за насочување во натамошното образование. Секој слободен изборен предмет се оценува одделно. За постигањата од слободниот изборен предмет што се реализира само во првото полугодие, ученикот на крајот од првото полугодие добива известување за успехот со бројчана оценка, а истата оценка се запишува и на крајот од годината во свидетелството. Ученикот на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Ученикот на крајот на учебната година добива додаток на свидетелство во кое описно се наведуваат постигањата на ученикот и стекнатите компетенции во изборните предмети, општествено-корисната работа, учеството во натпревари, ученичките акции и други воннаставни активности.

Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при процесот на оценување и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување, со кои се запознаени учениците и родителите. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите. Се утврдува процедура за постапување за поплаки и жалби по добиени оцени.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во годишната програма за работа на директорот и стручната служба е планиран увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Исто така континуирано се врши увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно-педагошка дејност.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Според Член 129 од ЗОО, по завршувањето на секоја втора учебна година, од месец октомври, основното училиште врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата.Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор. Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција. Комисијата изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на годишна програма за работа на училиштето и развојна програма. Бирото преку советодавни посети дава упатства, стручни совети и поддршка во процесот на спроведување на самоевалуацијата.

Според член 130 од ЗОО, Резултатите од самоевалуацијата на основното училиште се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата. Државниот испитен центар на посебен веб портал ги објавува сите извештаи од училиштата.

Самоевалуација тековно се спроведуваше во учебната 2024/2025 и ќе се спроведува во 2025/2026 година.

17.Безбедност во училиштето

Под безбедност во училиштето се подразбира изготвување на Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари,

поплави и слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште, курсеви за прва помош и заштита итн.

ООУ „Кирил и Методиј“ презема системски мерки за обезбедување безбедна и заштитена средина за учениците и вработените, за што има изготвено План кој што е даден во Прилог.

- Училиштето располага со пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство, како и интерен план за евакуација во случаи на итни ситуации.
- Поставени се 18 сервисирани противпожарни апарати и 3 хидранти, а наставниците и вработените се обучени за постапување при пожари и несреќи.
- Во училиштето има обучен кадар за прва помош и обезбедени средства за итна медицинска помош.
- За безбедно движење на учениците надвор од училиштето се поставени соодветни сообраќајни знаци.
- Во училиштето е воспоставен куќен ред и кодекс на однесување кои ги регулираат правилата за однесување на учениците и вработените, а се почитуваат и применуваат во пракса.
- За зголемување на безбедноста се инсталирани камери во училишните простории и двор.
- Училиштето соработува со институции и здруженија за интегрирана безбедност, што е дополнителна поддршка во превенцијата и справувањето со безбедносни прашања.
- При реконструкции и градежни работи се применуваат строги мерки за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи известување на корисниците и ограничување на пристапот до опасни зони.

Овие мерки обезбедуваат сигурна и заштитена средина во која учениците можат да се развиваат и учат без ризик од повреди или насилство.

Во училиштето и за оваа учебна година се планира патролно и физичко обезбедување во двата училишни објекти.

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал. Преку редовни училишни еко-акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

Составен дел на училишната програма заземаат содржините поврзани со здравјето на учениците. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално-преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

- ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во наставата во текот на учебната година, преку предавања и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето. Програмата ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Поликлиника Ченто - оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и поширокаата заедница.

18.2. Систематски прегледи

Во рамките на грижата за здравјето и добросостојбата на учениците, ООУ „Кирил и Методиј“ – Стајковци ќе продолжи со редовна реализација на систематски здравствени прегледи, во соработка со надлежната здравствена установа. Главна цел на оваа програма е да обезбеди услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето.

Цели:
-Превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето на учениците и студентите.
-Документирање на податоци за здравствената состојба и здравственото однесување на учениците во национална база на податоци која ќе послужи како основа за креирање на навремени и соодветни јавно-здравствени интервенции.

Систематските прегледи ќе се реализираат според годишниот календар утврден од Министерството за здравство и Центарот за јавно здравје.

Целта на систематскиот преглед е:
- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување - детекција на бихејвиорални ризици,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
- Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација.

Возраст на вршење на систематски прегледи: Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение. Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот.

Задолжително ќе се спроведуваат и **стоматолошки прегледи**, како и превентивни стоматолошки прегледи. Прегледите ќе се вршат во здравствена установа, во присуство на медицински персонал и по претходна најава и согласност од родителите. Стручната служба на училиштето, во соработка со класните раководители, ќе води евиденција и ќе обезбеди организациска поддршка за непречено спроведување на активностите.

Предвидени се и **превентивни прегледи за рана дијагностика** на пречки во развојот на слух, говор и глас.

Со редовното спроведување на сите прегледи прегледи, училиштето ја зајакнува својата улога како фактор во превенцијата, навременото препознавање на ризици по здравјето и унапредувањето на животниот стил на учениците. Овие активности истовремено придонесуваат за подобра соработка помеѓу родителите, училиштето и здравствените институции.

18.3. Вакцинирање

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците од I, II и IX одделение, која се реализира во здравствената установа, Поликлиника Ченто-оддел за училишна возраст, во придружба на класниот раководител. Училиштето задолжително го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на вакцинациите.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во текот на учебната година, училиштето континуирано реализира едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања, трибини и работилници. Во рамките на програмата „Еко-училиште“, се реализираат активности од кампањата „Здрава храна“, со учество на учениците, родителите и наставниците.

Училиштето во договор со родителите/старателите, согласно со прописите од областа на јавните набавки, организира еден оброк - ужина во текот на престојот во училиштето, како и достава на топол оброк за учениците од продолжен престој. Трошоците за оброкот ги плаќа родителот/старателот. Во случаите кога родителот/старателот е корисник на социјална помош, трошоците за оброкот ги надоместува основачот. Директорот на основното училиште е должен да го следи обезбедувањето на стандардите за исхраната и за оброците.

19. Училишна клима

ООУ „Кирил и Методиј“ посветено работи на создавање позитивна, безбедна и инклузивна училишна клима која овозможува оптимален развој на учениците.

- Училиштето овозможува пријатна, безбедна и еколошки чиста средина за учење и престој, со партнерски однос кон родителите и професионално усовршен наставен кадар кој применува современи наставни методи и технологии.
- Особено се посветува внимание на унапредување на емоционалното, менталното и физичкото здравје на учениците, при што се почитуваат нивните индивидуални различности, етничка и верска определба.
- Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, изградена е атмосфера на меѓусебна почит помеѓу наставниците, учениците и родителите. Наставниот кадар ужива висок респект, а соработката со родителите е континуирана и конструктивна.
- Училиштето има воспоставено Кодекс на однесување кој ги регулира правилата за однесување на наставниците, учениците и родителите, со цел одржување на дисциплина и позитивна атмосфера.

19.1. Дисциплина

Дисциплината е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор), Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител, со цел подобра дисциплина и воспоставувањеработна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат дневна евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Тимот за естетско уредување заедно со наставниците и учениците се грижи за уредувањето на училиштето со сопствени изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса. Изминатите учебни години се направи измена на текстот на етичкиот кодекс со набавка и употреба на џебови за мобилни телефони. Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и поширокаата локална средина. Еко-кодексот е изработен од еко тимот и е изложен на видно место.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби. За подобрување на училишната клима и односите во

училиштето, ќе се формира Тим составен од претставници на сите структури и ќе предложи конкретни активности (состаноци, работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, натпревари, посети и сл.). Учениците се поттикнуваат за водење грижа за училиштето и градење меѓусебна почит и соработка, без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот.

Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, при што се изготвува Личен план за професионален развој. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

20.2. Активности за професионален развој

Активности за професионален развој Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Континуираното стручно усовршување, се наградува со напредување на наставниците во звања. Во нашето училиште е избран еден наставник-ментор Елена Блажевска. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат семинари, вебинари, дисеминација, работилници и размена на искуства во рамките на активите. За својот професионален развој наставниците ќе водат професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година ќе изработат извештај за реализацијата.

20.3. Личен професионален развој

На сите наставници, стручни соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења да ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано или во сопствена режија. За индивидуалното стручно усовршување вработените прават личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на самоевалуацијата и професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници.

20.4. Хоризонтално учење

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со

другите наставници. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето ќе подготви акциски планови во кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето изработува план за професионалниот развој и кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник-ментор, Професионалните стандарди за наставник-советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени: родители, ученици, наставници и училишна документација. Евиденција за кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се води во педагошкиот картон и професионалното досие.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на училиштето е клучен фактор за успешен воспитно-образовен процес и развој на учениците. Таа се манифестира преку различни форми на соработка и учество, кои имаат позитивно влијание врз образовните резултати и општата атмосфера во училиштето.

Клучни аспекти на вклученоста на родителите/старателите:

- Активно учество во воспитно-образовниот процес: Родителите го поддржуваат учењето и развојот на децата дома, помагаат со домашните задачи и следат напредокот на учениците. Ова ја подобрува успешноста и однесувањето на децата.
- Соработка со наставниците и училиштето: вклучува индивидуални средби, родителски состаноци, трибини и други форми на комуникација преку кои родителите изразуваат мислења, очекувања и барања. Ова создава партнерски однос кој е важен за зајакнување на улогата на родителите во образовниот процес.
- Учествување во одлучувањето и работата на училиштето: Родителите се вклучени во училиштето преку Совет на родители, Училишен одбор и други форми на организирана партиципација. Тие можат да даваат сугестии, да учествуваат во планирање на активности и да придонесуваат кон подобрување на условите за работа во училиштето.
- Заеднички активности и настани: Родителите учествуваат во организирање и спроведување на наставни и воннаставни активности како што се приредби, спортски игри, екскурзии, работилници и други настани кои ги зближуваат семејството и училиштето.
- Информирање и транспарентност: Училиштата ги известуваат родителите за работата и постигнувањата, како и за сите промени во образовните политики и услови. Денес, многу училишта користат и електронски дневници за полесна и побрза комуникација со родителите.
- Поддршка на инклузивното образование: родителите, особено организирани во мрежи и асоцијации, играат важна улога во поддршката и развојот на инклузивни практики во училиштата, како активисти и придонесувачи.

Вклученоста на родителите создава пријатна и поддржувачка атмосфера во училиштето, овозможува подобра комуникација меѓу сите учесници во образовниот процес и води кон повисоки образовни достигнувања. Таа е предуслов за континуирана соработка и партнерство помеѓу семејството и училиштето, што е од клучно значење за развојот на учениците и за унапредување на образовниот систем во целина.

Ова партнерство е клучно за создавање квалитетна образовна средина и успешен развој на учениците

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето – на знаењата и вештините за вклучување на родителите во одделни сегменти од воспитно - образовниот процес; преземање превентивни мерки за спречувањена негативното влијание на средината врз младите и надминување на изразените тешкотии.

Родителите континуирано и непосредно се вклучуваат во училиштето и добиваат информации преку родителските и индивидуалните средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор, редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручните соработници. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручните соработници, се предвидува соработка со родителите за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици. Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите се вклучуваат во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, базари, спортски настани, прослави, приредби, проектни активности и др.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукација на родителите - на знаењата и вештините за идентификација на потребите на родителите за едукација и едукација на родителите поврзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето.

Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите -разбирање за тоа како семејството влијае на когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, на умешноста да се идентификуваат потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и на вештините за соодветно комуницирање давање поддршка на семејството; знаењата и вештините за примена на соодветни форми и методи за ефективно советување на родителите.

Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, флаери, web страна и facebook страна на училиштето.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Цели на програмата:

- Поттикнување на соработка помеѓу училиштето и локалните институции, бизниси и граѓански организации.
- Развивање на свеста кај учениците за значењето на заедницата и нивната активна улога во неа.
- Поддршка на воспитно-образовниот процес преку практични активности и примена на знаења во реалниот живот.
- Придонес кон одржлив развој и општествена одговорност.

Локална заедница

Училиштето како воспитно-образовна институција е во постојан дијалог со локалната заедница, остварува перманентна и континуирана соработка, вклучувајќи го локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени поводи во училиштето.

Во текот на годината планирано е да се реализираат следните активности:

- Организирање на свечена приредба за прием на првачиња на која секогаш се поканети и претставници на локалната средина;
- Организирање на Новогодишен базар од хуманитарен карактер, на кој секогаш се поканети и претставници на локалната средина ;
- По повод Денот на дрвото засадување на садници – донација од локалната самоуправа;
- По повод Денот на шегата изработка на маски и костими и нивно претставување на плоштадот „Автокоманда“ во организација на општината;
- Подобрување на условите за работа во училиштето (заеднички проекти со невладини организации и општината);
- Организирање на соработка преку активности во врска со општествено
- корисна работа;
- Учество на натпревари по различни предмети на општинско ниво.

Соработка со блиски институции:

- Соработка со градинката од локалната средина;
- Соработка со невладини организации;
- Соработка со училиштата на општината;
- Соработка со локалната самоуправа;
- Соработка со Поликлиника Ченто;

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век. Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи,
претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ја презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите,поширокаата јавност и општината. Училиштето како воспитно-образовна институција е во постојан дијалог со локалната

заедница, остварува перманентна и континуирана соработка, вклучувајќи го локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции,унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци,средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири здружувања по одредени поводи во училиштето. Ќе се
промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности преку усна и пишана информација.

Институции од областа на културата
Училиштето воспоставува комуникација со институции од областа на културата: библиотеки, музеи, театри, кино-сали и др. Учениците ќе учествуваат на литературни, ликовни конкурси, ќе реализираат посети на културно-историски споменици, музеи, изложби и слично. Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси за учество во проекти и натпревари на кои ќе учествуваат учениците под менторство на наставниците и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.

Институции од областа на образованието
Во текот на годината перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта, факултети и др. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења, приредби, спортски натпревари, турнири, еколошки и хуманитарни акции и други активности.

Невладини организации
Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале: Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри, Еколошки друштва, Пакомак.

Спортски друштва
Училиштето соработува со повеке спортски клубови: ракометен клуб, кошаркарски клуб и одбојкарски кпуб, клуб за модерни и традиционални танци, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.
Исто така во рамки на училиштето имаме училишен спортски клуб УСК Кирил и Методиј – КИМ кој во соработка со ФУСМАК е активно вклучен во сите општински, регионални и државни лиги. Со цел да се афирмира спортот меѓу младите,нашето училиште соработува со голем број спортски друштва, меѓу кои и Сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба.

Здравствени организации
За грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените и за реализација на програмата „Грижа за здравјето на учениците“, училиштето има соработка со: Здравствениот дом „Ченто“, здравствени установи во населеното место, Центарот за социјални грижи, осигурителни компании и др.

Медиуми

Соработката со медиумите е важен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати со цел јавноста да има увид во начинот на работење, целите и резултатите што притоа се постигнуваат.

Промоција на училиштето се врши преку соработка со најразлични медиуми и медиумски куќи. Поважни активности од наставната и воннаставната работа ќе бидат објавувани во општинскиот весник, како и во други дневни и неделни печатени медиуми. Ќе ја продлабочиме соработката со телевизиските куќи во емисии од областа на образованието, учество во училишната ппрограма Sвон на МТВ, квизови за деца.

Исто така, јавноста континуирано ќе биде информирана за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето (https://www.facebook.com/OOUKiriliMetodij/), училишната веб-страница (https://www.ooukirilimetodij.edu.mk), и веб-страната на општината.

23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорни лица	Кој треба да биде информиран за следењето
Усогласеност на Годишните програми за работа со програмите од МОН	Увид во документација на почеток на учебната година	стручни соработници, директор	тим за следење
Следење на реализација на проектите	Преку одговорни лица за планирање и реализација; Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие;	стручни соработници, директор	тим за следење
Материјално финансиско работење на училиштето	Увид во документација еднаш во секое тримесечие	директор, одговорен наставник	тим за следење
Воннаставни активности (секции/ клубови, спортски клуб, акции)	Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; увид во едневник	одговорни наставници	тим за следење
Вонучилишни активности (екскурзии, излети)	Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; увид во едневник	одговорни наставници	тим за следење
Ученички организации	Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие	одговорни наставници, ученички парламент	тим за следење
Натпревари	Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие	одговорни наставници	тим за следење
Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција	Извештаи за спроведените активности на секое тримесечие; увид во едневник	стручни соработници	тим за следење

Следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар	Набљудување, посета на часови, извештаи и чек листи	стручни соработници	тим за следење

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

При процесот на евалуација на годишната програма, директорот на училиштето го зема предвид искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште. Односно директорот формира тим од наставници и стручни соработници, кој ќе учествува во следење и евалуација на активностите предвидени со Годишната програма за работа.

За сите реализирани активности од програмата за работа, ќе се води соодветна евиденција и документација. Следењето ќе се извршува континуирано и за секое подрачје ќе има назначено одговорен наставник кој ќе биде задолжен да собира податоци, води евиденција и поднесува извештај за начинот и времето на следење на одредено подрачје за секое тромесечие од тековната учебна година.

Тимот за следење и евалуација изготвува полугодишен и годишен евалуационен извештај за она што е реализирано и она што не е реализирано и дава осврт на квалитетот на спроведените активности преку формирање заклучоци и препораки за во иднина. Доказите можат да се соберат преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

25. Заклучок

Годишната програма за работа на ООУ„Кирил и Методиј“-Стајковци за учебната 2025/2026 година е изработена од директор, стручни соработници, тим наставници, во соработка со сите вработени во училиштето, родителите и учениците, согласно новиот Правилник за формата и содржината на Годишната програма за работа на основното училиште. Наставнички совет дава мислење по предлогот на Годишната програма за работа на училиштето и го следи нејзиното извршување.

Училишниот одбор ја предлага Годишната програма за работа на училиштето до Основачот, кој ја донесува до 15 август во тековната учебна година за наредната учебна година. Донесената Годишна програма за работа основното училиште ја доставува до БРО и ДИЦ најдоцна до 15 септември во тековната учебна година во електронска форма.

Успешноста на работата во училиштето и имплементирањето на Годишната програма во целокупната работа се темели на тимската работа и исполнување на работните обврски од страна на вработените. Посебно ќе се насочиме на приоритетните подрачја на промена, кои се дел од Развојната програма училиштето и ќе се реализираат според краткорочните цели кои се дадени во планот.

Една од главните цели на нашето училиште е постојано подобрување на условите за работа, професионалниот развој на кадарот, позитивна клима, современа настава, поддршка на учениците и нивно поттикнување за превземање иницијативи, соработка, меѓусебното почитување и толеранција, поттикнување на ненасилно однесување сè со цел успешно реализирање на нашата визија и мисија. Реализацијата на Програмата во својата суштина ги

вклучува сите сегменти на воспитно-образовниот процес, соработката и комуникацијата помеѓу сите субјекти, тежнеење кој постојано унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците. Ќе се води сметка и за зајкнување на соработката со родителите преку разни работилници, заеднички излети, посети, отворени часови и сл.

Преку точно дефинираните очекувани исходи ќе се трудиме секогаш учениците да бидат дел од многубројните воннаставни активности преку разни посети, спортски и слободни активности, учество на натпревари, хуманитарни и еколошки акции. Преку учество во проекти да се запознаат со сопствената, но и со другите светски култури и традиции. Сите активности ќе бидат реализирани преку истражување со цел стекнување трајно применливи знаења, а тоа сè во духот на соработка, дружење и тимска работа. Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето ќе се применуваат во сите области на оценувањето.

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

1. Елена Антонова - директор
2. Елена Темелкоска - психолог
3. Ана Трпевска - специјален едукатор и рехабилитатор
4. Емилија Трајкова - одделенски наставник
5. Јасмина Јездиќ - предметен наставник
6. Михаела Сандева - ученик правобранител
7. Евгенија Илиевска - родител

27. Користена литература

- Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25)
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
- Закон за вработени во јавниот сектор (Службен весник на РСМ, бр. 27/14; 199/14; 27/16 и 35/18 година)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РСМ, бр. 42/20 година)
- Закон за јавни набавки (Службен весник на РСМ, бр. 24/19, бр. 87/21, бр.13/2025 година)
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр. 5/200, бр.202/2024 год.)
- Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште, 08-3714/3 од 29.5.2024 година
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година
- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настававо основните училишта
- Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развојна наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, бр.18-4000/1 од 18.3.2020 година
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие за наставникот и стручниот соработник во основно и средно училиште, бр.18-4698/1 од 24.4 2020 година

- Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното времена наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела, бр.18-4809/1 од 5.5.2020 година
- Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државниво во основното образование, бр.18-6573/1 од 6.7.2020 година:
- Правилник за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето напристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставникментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата,
- Правилник за начинот на формирање на комисијата, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на стручните соработници за стекнување на звањето стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листа, како и начинот на работењето на комисијата
- Програма за обуки и стручно усовршувањена стручните соработници во основните и среднитеучилишта за 2021 година бр 13-6927/1 од 27.04.2021
- Програма за обуки и стручно усовршувањена стручните соработници во основните и средните училишта за 2021 година бр 13-4897/1 од 16.03.2021
- Правилник за дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на водење напедагошката евиденција во основните училишта бр. 18-3564/2 од 25.02.2021
- Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост бр. 18-2447/1 од 09.02.2021
- Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 18-15334/1 од 30.12.2020 г.
- Програма за професионална орентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта бр. 12-11595/1 од 20.10.2020
- Правилник за професионалните компетенции за директор на основните училишта бр. 12-11597/1од 20.10.2020
- Правилник за дополнување на правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите идругите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-11297/1 од 15.10.2020
- Правилник за стандардите за напредување во звање бр. 18-10443/1 од 05.10.2020
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за напредување во звањенаставник-ментор, наставник-советник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.
- Стандарди за професионално однесување на стручните соработници во основните и среднитеучилишта
- Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија
- Концепција за воннаставни активности во основното образование
- Концепција за инклузивно образование
- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенија
- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка

- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите нанасилство, злоупотреба и занемарување
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта
- Водич за работа на училишниот инклузивен тим
- Наставните планови и програми од БРО
- Концепцијата за деветгодишното образование
- Развојна програма на училиштето, 2024-2028 година
- Статутот на училиштето, бр. 01-795/1 од 28.11.2019
- Годишниот извештај за работа на училиштето 2024/2025 година, бр. 01-394/1 од 30.06.2025
- Извештај за самоевалуацијата на училиштето, дел.бр. 01-374/2 од 20.06.2022 година
- Стандарди за интеркултурно-образование
- Национални стандарди

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – Стајковци, Гази Баба за учебната 2025/2026 година

ПРИЛОГ 1: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитно-образовниот процес во училиштето и образованието.

Приоритети за ефективност на училиштето за оваа учебна година:

- јасна мисија и фокусирана визија на училиштето со прецизно дефинирани цели и задачи;
- спроведување стратегија за работа со надарени и талентирани ученици;
- подобрување на условите за реализација на наставата;
- организирано и перманентно професионално усовршување на наставниот кадар и стручните соработници;
- континуирано следење на напредокот на учениците;
- воведување нови методи за работа со учениците (алатки за користење на вештачка интелигенција);
- користење на ефективни образовни техники и технологии за квалитетна настава;
- обезбедување на безбедна и чиста средина за настава и учење;
- продалбочување на соработка со родителите, Училишниот одбор, локалната заедница, МОН и други субјекти;
- стратегија за поттикнување на родителите за поголем интерес за постигањата на своите ученици.

ЦЕЛИ

- ☑ Стекнување трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за целоживотно учење и индивидуален развој
- ☑ Квалитетно образование кое ги задоволува образовните (развојните) потреби на неговите корисници: квалитетна настава и квалитетно учење (вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби и развивање на надареноста на учениците во различни области)
- ☑ Да се постават јасни цели за унапредување на работата: активни методи на настава, примена на ИКТ, тимска работа, континуирано професионално усовршување на кадарот
- ☑ Грижа за правата, благосостојбата и здравјето на учениците
- ☑ Да се обезбедат современи услови за работа, одржување на спортски терени и игралишта, обезбедување наставни нагледни средства и опрема, ИКТ алатки, алатки за вештачка интелигенција; асистивна технологија за деца со посебни потреби и сл.
- ☑ Училиштето да воспостави и практикува позитивна комуникација со МОН, УО, родителите, локалната заедница, бизнис заедницата, невладиниот сектор, домашни и странски донатори.

Конкретни активности за постигнување на целите:

- ✓ Осовременување на условите во кои се реализира наставата со обновување на информатичката технологија, набавка на нови наставни средства и помагала;
- ✓ Подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес со имплементација на нови програмски содржини, развој на креативно и критичко мислење;
- ✓ Интерно и екстерно стручно усовршување на наставниот кадар за задоволување на специфичните потреби на учениците и развој на современи техники на учење, со акцент на алатките за вештачка интелигенција;
- ✓ Промовирање на индивидуланиот развој и личноста на ученикот;
- ✓ Грижа за здравјето и безбедноста на вработените и на учениците;
- ✓ Градење на позитивна клима и средина за учење во која ќе дојдат до израз различните способности и афинитети на учениците;
- ✓ Унапредување на формите на соработка со родителите и локалната средина;
- ✓ Градење на взаемна почит и доверба помеѓу вработените;
- ✓ Реализација на поголем број кампањи, трибини и сл, за намалување и спречување на булингот и дискриминацијата помеѓу учениците;
- ✓ Вклученост на сите наставници и ученици во активности поврзани со афирмација на училиштето.

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ПО ПОДРАЧЈА ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ			
АКТИВНОСТИ	**ОДГОВОРНИ**	**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
1.1. Анализа – дали применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН	- директор - стручни соработници од училиштето	- Годишни планирања на наставниците -Тематски планирања на наставниците - Педагошка евиденција и документација	-септември -декември
1.2.Воспоставување на процедури за информирање на родителите за целите на наставните планови и програми кои се реализираат	- директор - стручни соработници - раководители на паралелки	- брошури - интернет страна на училиштето	- континуирано
1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби	- директор - стручни соработници - раководители на паралелки родители	- БРО - МОН - МКФ	септември
1.4. Реализирање на проширена програма, почитувајќи ги можностите и потребите на учениците, во согласност со родителите	- директор - стручни соработници - раководители на паралелки	-анкета, -интервју со родителите	- мај-јуни (анкета) - во текот на учебната година реализација
1.5. Планирање и реализирање на воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците	- директор - стручни соработници -наставниците	- училишен весник - ученичко катче	- континуирано
1.6. Учество на ученици со поддршка на училиштето и наставниците во различни манифестации, натпревари на локално, национално и меѓународно ниво	- директор - стручни соработници -наставниците	- локална заедница - МОН	- континуирано
2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ			
АКТИВНОСТИ	**ОДГОВОРНИ**	**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
2.1.Следење на постигањата на учениците по пол, етничка припадност, по наставни предмети и по класификациони периоди и споредбени табели со изминатите учебни години	- директор - стручни соработници	-училишни извештаи, -самоевалуација, -споредбени прегледи од резултати од оценувањето (национални, регионални, училишни натпревари)	-Тримесечни, полугодишни и годишни извештаи

2.2. Планирање на конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците – реализирање на дополнителна и додатна настава	- директор - стручни соработници - наставниците	- додатна настава - дополнителна настава	- континуирано
2.3.Континуирано следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус	- директор - стручни соработници	- анализи на успехот - споредбени прегледи на успехот во основно / средно образование	- годишно
Опфат на сите ученици од својот регион за задржување и оневозможување осипување на учениците	-директор -стручни соработници	- список на ученици	- мај-јуни
2.5.Следење на редовноста на учениците, анализа на причините за отсуство од настава и преземање на конкретни активности што ја обезбедуваат редовноста	- раководители на паралелки - стручни соработници - родителите	-анализи на изостанувањето од настава	-континуирано
Следење на напредокот на учениците во текот на учебната година, при премин од еден во друг циклус од одделенска во предметна настава	-директор -стручни соработници -наставници -оделенски раководители	-анализа на успехот -споредбени прегледи на успехот на тромесечие-полугодие-крај на наставната год.	-континуирано
Промовирање на постигањата на учениците -лични постигања на учениците -постигања во име на училиштето	-директор- -стручни соработници -наставници	-изложбени трудови на учениците -паноа со пофалби, награди -печатени и електронски медиуми -училишен весник -ФБ и Веб страна на училиштето	континуирано

3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

АКТИВНОСТИ	ОДГОВОРНИ	ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ	РОК / ДИНАМИКА
3.1.Следење на планирањето на наставата - годишни, тематски планирања и дневни подготовки, сценарија за час - планирањето преку примена на ИКТ и ЕКО и МИО стандарди	- директор - стручни соработници	- интерна процедура за следење на планирањето на наставниците: евидентни листови/инструменти за следење и вреднување на планирањето на наставниците	- 1-2 пати во едно полугодие

3.2. Интерна процедура за следење на наставниот процес - посета на час заради подобрување на наставниот процес	- директор - стручни соработници	- инструмент за следење и вреднување на наставниот час	- 1-2 пати во полугодие
3.3. Анализа на искуствата на учениците од учењето – атмосфера за учење, работа на проекти и сл.	- директор - стручни соработници	-анкета со ученици - разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците -евиденција на стручната служба, -програма и извештај на ученичката заедница	
3.4. Примена на позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците, донесување кодекс за оценување , запознавање на учениците и родителите со критериумите за оценување	- директор - стручни соработници - наставниците	- интерен правилник за оценување - користени инструменти за оценување - примери на оценети ученички трудови и сл.	-континуирано
Известување на родителите за напредокот на учениците формални и неформални средби - групни и индивидуални средби со родителите - пишани извештаи со информации за детето по секој наставен предмет	- директор - стручни соработници - наставниците	- увид во педагошката евиденција и документација -анкети/интервјуа со родители -евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родителите	-континуирано известување за напредокот на учениците родителски средби – најмалку 2 пати во полугодие

4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ			
АКТИВНОСТИ	**ОДГОВОРНИ**	**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
4.1.Заштита од физички повреди - безбедна инфраструктура во училиштето (мебел, скали, подови, струјни места и сл) -означување на сите потенцијално опасни места во училиштето	- директор - стручните соработници - наставниците	- скици, слики, ознаки од училиштето	- континуирано
4.2. Заштита на детето од секаков вид на насилство – психичко и физичко насилство од страна на возрасните и учениците	- директор - стручните соработници - наставниците - родителите	- интервјуа со наставници, ученици, родители -кампањи, презентации	- континуирано

4.3. Грижа за учениците со телесни пречки во развојот - прилагоден пристап на потребите на учениците	- директор - стручните соработници - родителите - невладини организации	- обезбедување на материјални средства	- континуирано
4.4. Хигиена во училиштето - чисти и дезинфицирани тоалети за наставниците и учениците - чист училишен простор (ходници, под, мебел) - редовно одржување на површините во дворот, поставување корпи за отпадоци и сл.	- директор - здравствени установи - родителите	- куќен ред - правилник за организација и систематизација на работата и работните места	- континуирано
4.5. Пружање помош за понатамошно образование на учениците	- директор - стручни соработници - наставници -родителите	- програма за професионална ориентација на учениците - промотивни материјали за образовните институции	- континуирано - мај-јуни (за учениците од завршните паралелки)
5. УЧИЛИШНА КЛИМА			
АКТИВНОСТИ	**ОДГОВОРНИ**	**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
5.1. Грижа за училишната клима и односите во училиштето – партиципација во решавањето проблеми и донесувањето одлуки	- директор - стручни соработници - наставниците	- Кодекс на однесување	- континуирано
5.2.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница	- директор - стручни соработници - наставниците - локална заедница - родителите - невладиниот сектор	- извештај за работата на училиштето - веб страна на училиштето - План за организирани контакти и преписки со деловната заедница -Трибини, предавања, дебати со родителите	- континуирано
5.3. Промовирање на постигањата - лични постигања на учениците - постигања во име на училиштето	- директор - стручни соработници - наставниците	- изложбени трудови на ученици - Паноа со пофалби, награди - Медиумско промовирање	- на свеченост, преку медиумите (печатени, електронски, веб страна)
5 4. Воспоставување на односи на еднаквост и правичен третман на сите ученици и промовирање на мултикулурализмот за подобрување на училишната	-директор -стручни соработници	-Кодекс на однесување	континуирано

6. РЕСУРСИ			
АКТИВНОСТИ	**ОДГОВОРНИ**	**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
Изготвување на јасен план и распоред за максимално искористување на училишниот простор за настава и воннаставни активности, -кабинетска настава	- директор - стручни соработници - наставниците	- План за развој на училиштето - Годишна програма за работа - Полугодишен и годишен извештај	- јануари, август
6.2. Опремување со стручна литература и наставни средства и помагала - на библиотеката со лектирни изданија - Користење на ИКТ и пристап до интернет	- директор - стручни соработници - наставниците	- Планирани/набавени потрошни материјали - Самоевалуација - Развоен план на училиштето	- континуирано
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар во согласност со нормативите и распоредување на кадарот	- директор - помошник директор - стручни служби во училиштето	- досиеја на вработени -Правилник за организација и систематизација на работните места	- по потреба
6.4.Професионален развој на наставниците - идентификување на потребите за професионален развој	- директор - стручни служби во училиштето	- Програма за работа на менторот и новработениот -Програма за професионален развој на наставниот кадар - Интерни обуки	- континуирано
6.5.Почитување на законската регулатива за финансиско работење	- директор - стручни служби во училиштето	- закони -правилници	- континуирано
6.6. Обезбедување на дополнителни финансиски средства преку донации	- директор - стручни служби во училиштето	- од домашни и странски извори (донации)	- во согласност со утврдените рокови на домашни и странски донатори
6.7. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет	- директор - Училишен одбор	- огласна табла - веб страна на училиштето	- континуирано
7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА			
АКТИВНОСТИ	**ОДГОВОРНИ**	**ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ**	**ВРЕМЕНСКА РАМКА**
7.1. Воспоставување на партнерски однос на раководниот кадар со Училишниот одбор	- директор - Училишен одбор	-Записници, одлуки -Самоевалуација -План за развој на училиштето -Програма за работа на	- континуирано

		директорот	
7.2. Усогласување на целите на училиштето со целите на државната и локалната образован политика – фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците	- директор - Училишен одбор	-Програма за развој на училиштето -Годишна програма за работа на училиштето -Програма за работа на директорот	јуни- август

ГЛАВНИ ПРИОРИТЕТИ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

ГЛАВНИ ПРИОРИТЕТИ	СТРАТЕШКА ЦЕЛ
1. Подобрување на комуникацијата на училиштето со родители и други субјекти 2. Вклучување на претставници од учениците во креирање на училишната политика (ученички парламент) 3. Спроведување интерни обуки помеѓу наставниците за поефикасно планирање и реализирање на наставата на ниво на Активи 4. Продлабочување на соработката со локалната средина, бизнис заедницата и други институции.	1. Унапредување на воспитно - образовните цели во работењето на училиштето
1. Аплицирање и вклучување во нови проекти 2. Обезбедување средства за наградување на учениците и наставниците со што ќе се зголеми нивната мотивираност за подобри резултати 3. Обезбедување средства за покривање на трошоците за наптревари на учениците 4. Стручно усовршување на наставниот кадар 5. Посета или збратимување со други училишта и поголема соработка на локалната средина-посета на саеми, активирање на учениците во одредени активности надвор од училиштето, 6. Вклучување на учениците во дебати на одредени теми меѓу училиштата Ангажирање на надворешни лица за предавања, трибини и други форми за зголемување на интересот на учениците за наставните содржини	2. Преструктуирање на училиштето во модерно училиште со висок рејтинг во општеството
1. Изработка на критериуми за оценување на ниво на Активи 2. Изнаоѓање на нови форми и услови за реализација на додатна и дополнителна настава 3. Спроведување на анкети, тестирања за проценка на интересите, способностите и афинитетите на учениците од страна на Педагошко – психолошката служба; 4. Едукација на наставниот кадар за унифицираност при реализација наставни програми преку семинари и обуки за наставниот кадар Прифаќање и примена на нови методи и форми на учење од страна на наставниците и учениците, со акцент на примена на алатките за вештачка интелигенција	3. Создавање клима на почит кон различностите, потребите и можностите на учениците и наставниците
1. ООУ „Кирил и Методиј“ Стајковци - уредување на дел од дворот; - уредување на местата за одмор на учениците;	

- изградба на летна училница; - подобрување на ИТ- опремата и набавка на компјутери; - обновување на училишниот мебел и инвентар - поставување на ормари за оставање на мобилни телефони - замена на нефункционални чешми и друга санитарна опрема во тоалетите; **2.Подрачно училиште ,,Кирил и Методиј“ с. Страчинци** - изградба на фискултурна сала/простор за одржување на часовите по ФЗО - обновување на училишниот инвентар - хортикултурно уредување на дворот - поставување повеќе клупи и реквизити за одмор на учениците - подобрување на ИКТ- опрема - поставување на видео надзор на некои позиции	. Подобрување на инфраструктурата во училиштето

ПРИЛОГ 2: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГ

Програмата за работа на педагогот за учебната 2025/2026 година е изработена во согласност со Законот за основно образование, Статутот на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 год и Правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта.

Наведените задачи сереализираат преку обработка на содржините дадени во следните подрачја од работата и Компетенции кои треба да ги развива училишниот педагог:

I. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ-ПЕДАГОГОТ првенствено дејствува во насока на креирање ефективна образовна практика и развивање соодветни техники и методи за подобрување на процесот на учење. Почитувајќи ги индивидуалните потреби и карактеристики на учениците, педагогот нив ги советува, едуцира и им помага да го подобрат начинот на учење и однесувањето. Тој практикува методи и средства за воспитна работа со учениците. Применува современи модели на педагошко водење во различни воспитни ситуации во училиштето. Реализира советодавно-воспитна работа со учениците за надминување на причините за проблемите во учењето и однесувањето. Им помага на учениците во изборот на слободните активности согласно нивните интереси.

II. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ-ПЕДАГОГОТ особено им помага на наставниците во: планирањето на наставните и воннаставните активности при што за основа ги зема претходните планирања и резултатите од постигањата на учениците, реализацијата на наставата со користење соодветни современи методи, форми, активности, средства/ресурси, оценувањето на учениците со цел да се поддржи учењето, водењето на педагошката евиденција и докумнетација, организирањето на родителските средби

и самоевалуацијата на работата на наставниците.

III. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ- ПЕДАГОГОТ особено им помага на родителите во поглед на видот и начините за поддршка кои тие треба да му ги обезбедуваат на детето во процесот на учење, со цел тоа да ги развие и искористи своите потенцијали, како и во однос на воспитувањето на децата во домот (навики за учење, користење на слободното време, начини на комуникација со децата).

IV. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА-ПЕДАГОГОТ во фокусот на соработката ги има образовните, здравствените, социјалните, научните, културните и други установи кои можат да придонесат за поквалитетно учење и развој на учениците. Соработува со научните и образовните институции на истражувања и воведување иновативни приоди во воспитно-образовната работа.

V. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈИ ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА ПЕДАГОГОТ има посебна улога во изготвувањето на програмата за работа на наставниците и во процесот на нивното менторирање. Педагозите, исто така, ги следат ефектите и водат документација на воспитно-образовниот кадар.

VI. АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА-ПЕДАГОГОТ првенствено го следи, анализира и истражува воспитно-образовниот процес опфатен во најширока смисла и врз основа на сознанијата од анализите и истражувањата предлага мерки за унапредување на наставата и другите облици на воспитно-образовната работа во училиштето.

VII. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА - ПЕДАГОГОТ особена улога има во следењето и унапредувањето на наставата, начинот на водење на педагошката документација,работата со ученичката заедница, ученичките организации и клубови.

Подрачје:1 РАБОТА СО УЧЕНИЦИ						
	Цели	**Активности**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/докази**	**Очекувани ефекти**
ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО	-подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот ситем	-спроведување на постапката за запишување на ученици во прво одделение -користење на методи и инструменти за испитување на подготвеноста на учениците	Учебна година мај	директор дефектолог психолог, наставници— членови на комисија	- флаери, соопштенија - извештај за запишување деца во прво одделение, - Покани;	-реализација на постапка за упис на ученици во прво одделение
	- развој на говорот во почетните одделенија	- Дијагностичко испитување -Следење на постигањата во читање во прво, второ и трето одд.	Учебна година	наставници	- Чек листи, - Анализа, - Препораки за работа за наставниците и родителите;	-Унапредување на јазични способности кај учениците во почетните одделенија
	-р а з в о ј н а ч итање со размислување	-Примена на текст и прашања во второ и четврто одделение	Учебна година	наставници	-Анализа на текст	-унапредување на читање со размислување

	-поддршка на учениците во учењето	-Работилница „Техника за успешно самостојно учење“	Учебна година	наставници	-Презентација, -чек листи;	-унапредување на учењето кај учениците - позитивен став кон учење и мотивираност
	- поддршка на учениците со потешкотии во учењето	-индивидуална работа со учениците	Учебна година.	дефектолог психолог, наставници	- Инструменти за следење и вреднување на успехот на учениците; - Прилагодени образовни цели и програми;	-унапредување на успехот кај учениците
СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ	-поддршка и инклузија на учениците со ПОП	-индивидуална работа -групна работа со тимот за инклузија	Учебна година	дефектолог психолог, наставници родители	- Чек листи за следење, - ИОП;	-Напредок во развојот и успехот на учениците
	-развој на менталното здравје на учениците	-работилници	Учебна година.	психолог, наставници	- Работилници; - Извештај; - Час на одделенската заедница;	-унапредување и зачувување на психичкото и физичкото здравје на учениците
	-поддршка на учениците во проекти и иницијативи	-работа со ученички парламент -реализација на проект „Ако ја сакаш Македонија“	Учебна година.	директор, наставници,	- Работилници, - Презентации, - Промоции;	-Унапредување на работата во училиште
	-поддршка во поведението на учениците	-работилници -индивидуални и групни советувања -презентации на кодекси и протоколи на училиштето	Учебна година.	директор, наставници психолог родители	- Записници, - Извештај;	--унапредување на поведението на учениците во училиштето
	-поддршка на талентирани и надарени ученици	-учество на натпревари -додатна настава	Учебна година.	психолог, наставници директор родители	- инструменти за следење, -извештај, -промоција;	-унапредување на учениците со поголеми можности и развој
	-поддршка а учениците во воннаставни активности	-презентации -анкети - проекти	Учебна година	наставници директор родители	-промоции, -изработки, -извештај, -настани и приредби;	-унапредување на развојот на учениците и работата во училиштето
ПРОЕКТ	-поддршка на интересите на учениците	- Дијагностичко тестирање - презентации	Учебна година.	Директор психолог, дефектолог, родители наставници	-Презентации, -Анкетен лист;	-развој на интереситена учениците за идно образование

	-поддршка на учениците во професионалното ориентирање	- работилници -индивидуално и групно советување	Учебна година	Директор психолог, дефектолог, родители наставници	-извештај, -Анкетен лист, -родителски средби;	-унапредување на професионалното оирентирање на учениците според можностите и способностите
	-поддршка во надградување на развојот на учениците	-обуки -посети	Учебна година	Директор Родители Надворешни соработници	-извештај, -фотографии;	-унапредување на развојот на учениците за идната професија

Подрачје:2 РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ

	Цели	Активности	Реализација	Соработници	Индикатори/докази	Очекувани ефекти
ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС	-поддршка во изработката на наставните планови и програми	- индивидуални и групни советувања - активи	Учебна година	директор, наставници	-записници -извештај -годишна програма	-унапредување на работата во планирањето на годишните планови и програми
	-поддршка во реализацијата на наставата	-следење на наставен час -работа со стручни активи -работа на наставен час	Учебна година	Директор наставници	-извештај -Записник -Инструмент за следење	-унапредување на работата во наставата
	-поддршка во работата на ИОП	-групна и индивидуална соработка	Учебна година	Директор наставници	-извештај -ИОП	унапредување на програмата за инклузија
	-поддршка во работата со педагошката евиденција и документација	-следење и учество на водењето на педагошката евиденција и документација	Учебна година	Директор наставници	-извештај и записници	уводење на педагошка евиденција и документација
	-поддршка во работата на воннаставни активности,проекти и обуки	-планирања -следње -реализација	Учебна година	Директор наставници родители	извештај, фотографии	-унапредување на работата во училиштето
ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС	-поддршка во работата на продолжен престој	-планирања -следење -реализација	Учебна година	Директор наставници родители	-инструменти за следење и планирање	-унапредување на работата на продолжената настава
	-поддршка во работата на додатна, дополнителна настава, СУА и изборни предмети	-планирања -следње -реализација	Учебна година	Директор наставници родители	-инструменти за следење и планирање	-унапредување на работата во училиштето

	-поддршка во работата со оценување	-презентација -документи	Учебна година	Директор наставници	-инструменти за следење на оценувањето на учениците	-унапредување на работата во оценувањето на учениците
ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ	-поддршка на наставниците во работата со учениците	-работилници -обуки	Учебна година	Директор Наставници психолог	-извештај -инструменти за следење	-унапредување на работата со учениците
	-поддршка на наставниците во работата за позитивна клима и култура со учениците	-работилници -обуки -активи	Учебна година	Директор Наставници психолог	-извештај -инструменти за следење	-развој на успешна комуникација

Подрачје:3 РАБОТА СО РОДИТЕЛИ

	Цели	**Активности**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/ докази**	**Очекувани ефекти/**
ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУАЊА И КОНСУЛСТАЦИИ СО РОДИТЕЛИ	- поддршка на родителите во учењето на учениците	-работилници -презентација -индивидуални советувања -родителски средби	Учебна година	Директор психолог, наставници дефектолог	-извештај -записници	Унапредување на соработката со родителите
	-поддршка на родителите од учениците со ПОП	-индивидуални советувања - родителски средби - планирање на ИОП	Учебна година	Директор психолог, наставници дефектолог	-извештај -записници -инструменти за следење	Унапредување на соработката со родителите
ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО	-поддршка на родителите со работата на училиштето	-родителски средби -работилници -совет на родители -училишен одбор -воннаставни активности -обуки	Учебна година	директор, наставници	-извештај -записници -фотографии	Унапредување на соработката со родителите

Подрачје 4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

	Цели	**Активности**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/ докази**	**Следење**
СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА	-промовирање соработка со локалната заедница-општина и месна заедница	- планирање и реализација со општински активности - планирање и реализација на училишни активности	Учебна година	директор, наставници	Годишна програма Извештај	Унапредување на работата на училиштето со општината

СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ	-поддршка во работата од образовни институции-МОН ДИЦ ДПИ БРО	-обуки -документи -програми	Учебна година	директор, наставници	-извештај -записници -програма за работа	Унапредување на соработка со надворешни институции
	-поддршка во работата со невладини организации и институции –Црвен крст ПК Ченто детска градинка-Пеперутка	-обуки -документи -програми	Учебна година	директор, наставници	-извештај -записници -програма за работа	Унапредување на соработка со надворешни институции

Подрачје 5. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

	Цели	**Активности**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/ докази**	**Следење/**
ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ	- личен план за професионален развој	-обуки -документи	Учебна година	Директор наставници	-програма за работа	Унапредување на стручно усовршување
	-поддршка во професионалниот развој на наставниците	-водење документација за ПД ПК	Учебна година	Директор наставници	Програма за работа -извештај	Унапредување на професионалниот развој
	-соработка со актив на педагози	-активности	Учебна година	директор	Програма за работа -извештај	Унапредување на личниот професионален развој

Подрачје6.АНАЛИТИЧКО–ИСТРАЖУВАЧКАРАБОТА

	Цели	**Активности**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/докази**	**Следење**
АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО-	Анализа на успехот, и поведението на учениците на класификациони периоди	- инструменти за податоци - одд,совет - наставнички совет	Учебна година	Директор, наставници	-извештај од тромесечие полугодишен и годишен -евидентни листи	Унапредување на работата на воспитно-образовниот процес

	Анализа на јазичните способности на учениците	-инструменти за следење -тестови	Учебна година	Директор, наставници	-извештаи	Унапредување на работата на воспитно-образовниот процес
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ПРАКСА	Анализа на реализирани изостаноци	-инструменти	Учебна година	Директор, наставници	-извештаи -записници -е-дневник	Унапредување на работата на воспитно-образовниот процес

Подрачје7.УЧИЛИШНАСТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

	Цели	**Активности**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/докази**	**Следење**
ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВА, ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА,ЕВАЛУЗАЦИЈА	Годишната програма и извештај за работа на училиштето	-изработка на планирања и извештаи	Учебна година	Директор наставници	Годишна програма и извештај	Унапредување на работата на училиштето
	- поддршка во работата на стручните органи и тела	-изработка на планирања и извештаи	Учебна година	Директор наставници	Одделенски и наставнички совет; Стручни активи; Совет на родители; Тимови	Унапредување на работата на училиштето
	-поддршка во работата со водењето на педагошката евиденција и документација	-инструменти за следење -водење на педагошка евиденција и документација	Учебна година	Директор наставници	-едневник -матична книга -свидетелства	Унапредување на работата на училиштето
УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО	-поддршка во работата на самоевалуацијата на училиштето	-планирање -реализирање -анализа	Учебна година	Директор наставници Ученици родители	-извештај -записници	Унапредување на работата на училиштето
	-поддршка во организацијата на работата во училиштето	-планирања -реализација	Учебна година	Директор наставници	-извештаи -записници	Унапредување на работата на училиштето

	- поддршка во создавање на позитивна клима и култура во училиштето	-планирања -советувања -работилници	Учебна година	Директор наставници	--извештаи -записници -протоколи -кодекси	Унапредување на работата на училиштето

педагог: Емилија Георгиевска

ПРИЛОГ 3: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГ

Примарна цел во работата на училишниот психолог е грижа за менталното здравје на учениците што се остварува преку следењето и поттикнувањето на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Програмата за работа на училишниот психолог содржински се вклопува и е составен дел на програмата за работа на училиштето.
Годишната програма за работа на психологот е изработена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Поставките дадени во “Основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта “;
- Годишниот извештај за работата на училиштето во 2024/2025;
- Годишната програма за работа на училиштето во 2025/2026 година и
- Инструментот за вреднување на постигањата на стручниот соработник во основното образование.

Подрачје 1: Работа со ученици						
	Активности	**Цели**	**Реализација**	**Соработници**	**индикатори/ докази/ форми/методи**	**следење/повратна информација**

1.1. Поддршка на учениците во учењето	Индивидуална работа со ученици	Оспособување на учениците за совладување на техниките за учење. Зголемување на вниманието и подобрување на концентрацијата. Подобрување на емоционалниот развој.	Во текот на наставната година	Наставници Родители Инклузивен тим	Евиденција на психологот Група /индивидуална. Разговор/тестови.	Извештај од спроведена активност. Наоди од психолошки тестови.
	Психолошки тест на емоционална интелигенција	Идентификување на емоционална интелигенција	Во текот на наставната година	Наставници Родители	Евиденција на психологот Група/ индивидуална Разговор/тестови.	Извештај од спроведена активност. Наоди од психолошки тестови
	Психолошки тест на личност	Идентификување на базичните персонални димензии	Во текот на наставната година	Наставници Родители	Евиденција на психологот Група/ индивидуална Разговор/тестови.	Извештај од спроведена активност. Наоди од психолошки тестови.
1.2. Следење и поддршка на развојот на учениците	Следење и откривање на талентирани и надарени ученици	Зајакнување на децата за унапредување со бијхевиорални, емоционални и социјални вештини	Во текот на наставната година	Наставници Родители	Евиденција на психологот. Група/индивидуална. Разговор/тестови.	Извештај од спроведена активност. Наоди од психолошки тестови
	Следење и откривање проблеми кај групи ученици	Да научат да се однесуваат во справување на проблемите	Во текот на наставната година	Наставници Родители	Евиденција на психологот. Група/индивидуална. Разговор.	Извештај од спроведена активност
	Проучување на социјалната клима во паралелката	Да научат да се однесуваат во справување на проблемите	Во текот на наставната година	Наставници Родители	Евиденција на психологот. Група/индивидуална. Разговор. Социометриска постапка	Извештај од спроведена активност

	Следење на учениците со пречки во развојот	Унапредување на социјалните вештини	Во текот на наставната година	Наставници Родители Инклузивен тим	Евиденција на психологот. Групна/индивидуална. Разговор/тестови.	Извештај од спроведена активност. Наоди од психолошки тестови
	Следење и работа со ученици од дисфункционални семејства	Унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците	Во текот на наставната година	Наставници Родители	Евиденција на психологот. Групна/индивидуална. Разговор.	Извештај од спроведена активност
1.3. Професионална и кариерна ориентација на учениците	Прашалник за проценка на професионлната ориентација кај учениците од IX одделение	Да се добијат сознанија за афинитетите на учениците за средно стручно или гимназиско образование	Јануари - февруари	Психолог	Евиденција на психологот Групна/ индивидуална Разговор/тестови	
	Испитување на општи и специфични способности на учениците од IX одделение	Самопроценка на сопствените способности	Февруари - април	Психолог	Евиденција на психологот. Групна/индивидуална Разговор/тестови.	Извештај од спроведена активност Анализа од спроведени прашалници
	Испитување на интересите и афинитетите на учениците од IX одделение	Самопроценка на сопствените интереси	Февруари - април	Психолог	Евиденција на психологот. Групна/индивидуална Разговор/тестови	Извештај од спроведена активност Анализа од спроведени прашалници
	Самопроценка на учениците од VIII одделение	Самооценување на сопствените вештини	Ноември	Психолог	Скала за проценка Разговор	Извештај од спроведена активност Анализа од спроведени прашалници
	Организирање индивидуални и групни разговори со ученици и родители.	Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување	Март-Мај	Ученици Родители	Евиденција на психологот. Групна/индивидуална.	Извештај од спроведена активност Анализа од спроведени прашалници/тестови

	Презентирање пропаганден материјал од средните училишта, организирање средби со преставници на приватни и државни средни училишта. Организирање посети на средни училишта со учениците од IX одделение	Информирање за капацитетите на средните училишта и начинот на пресметување бодови по бараните критериуми	Во текот на второто полугодие	Приватни и државни средни училишта	Брошури, флаери, презентации, постери	Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми Список од средни училишта
	Водење евиденција и документација со анализа за избор на средни училишта	Да се опфатат сите ученици во средно задолжително образование	Во текот на второто полугодие	Психолог	Обработка на податоци	Евиденција за избор на средни училишта
	Индивидуална работа со ученици	Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување	Март-Мај	Ученици	Евиденција на психологот Индивидуална Разговор/тестови Рефлексија и самооценување	Извештај од спроведена активност Анализа од спроведени прашалници/тестови
	Известување за опфат и упис во средни училишта до надлежни институции	Контактирање и дописи од средните училиштата	Септември	МОН, ДПИ	Дописи	Информација за запишани ученици во средни училишта

Подрачје 2: Работа со наставници						
	Активности	**Цели**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/ докази/ форми/методи**	**Следење/повратна информација**
2.1. Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно - образовниот	Помош во изготвување и поврзување на елементите на тематско процесно планирање преку индивидуална соработка.	Давење стручна поддршка во планирањето на наставата	Август	Наставници Директор Педагог	Наставен план и програма	Годишни програми Извештај од спроведена активност

	Увид и анализа на Годишните и тематски планирања, консултации со наставници	Давење стручна поддршка во планирањето на наставата	Август	Наставници Директор Педагог	Наставен план и програма Образец за вреднување на планирањата	Годишни и темастско процесни ппланирања Извештај од спроведена активност
	Учество за избор на соодветни методи и за изработување и користење инструменти за оценување на постигањата на учениците	Давање на стручна помош за воведување на наставни форми и инструменти за оценување.	Во текот на наставната годината	Наставници Директор Педагог	Критериуми за оценување на постигањата на учениците	Извештај од спроведена активност
-Запознавање со куќниот ред и негово почитување; -Запознавање на родителите со Правилникот на училиштето за педагошки мерки: награди, пофалби и казни; -Учество во избор на понудувачи за исхрана, екскурзии, детски печат, фотографирање, јавни набавки, зимувања и летувања, посети и набљудувања, фотографирање и алманаси, полуматурска вечер; -Подобрување на условите за работа на училиштето и др.	тековно	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници.
- Организирање хепенинзи;	по потреба	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог,

		специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници.
- Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие; - Реализација на здравствена и социјална заштита на учениците.	ноември	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници.
-Извештај за работата на училиштето и постигнатите резултати во првото полугодие во учебната 2025/2026 год.; -Анализа на успехот на учениците и преземање мерки за подобрување на истиот.	јануари	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници.
-Извештај за постигнатите резултати во третото тримесечие; -Анализа на соработката на училиштето со семејството за реализирање на годишната програма.	април	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници
- Одбележување на Денот на училиштето.	мај	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители,наставници
-Собирни акции, помош на учениците кои се од социјално загрозени семејства; -Хигиена и уредување на просторот во училиштето и училишниот двор.	тековно	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници.
- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на училиштето во учебната 2024/25год.	јуни	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници
- Подготовка за изработка на Годишната програма за Совет на родители за наредната учебна година.	јуни	Претседател на Совет на родители, директор, педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, Совет на родители, наставници

ПРИЛОГ 8: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Наставничкиот совет , со кој раководи директорот, и преку кој се води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето, е највисокиот стручен орган на училиштето. Наставничкиот совет го сочинуваат одделенските, предметните наставници и стручните соработници на училиштето.

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Подготвеност за работата на училиштето во новата учебна година според Законот за основно образование, Концепцијата за основно образование, и Законот за наставници и стручни соработници;	Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето; Насоки за планирањата, распределба на задачи; Подготовки за започнување на новата учебна година.	август	директор, стручна служба, Наставнички совет	документи, планови, програми, водење на состаноци.	Подготовка за активностите за успешно започнување на новата учебна година.	директор, наставници, стручна служба
Планирање на следни активности и учесници во реализацијата, организација на просторот и користење на ресурсите.	Организација на воспитно-образовната дејност; Распоред на часови; Формирање на тимови за комисии и проекти.	август	директор, стручна служба, Наставнички совет	документи, планови, програми, водење на состаноци.	Прецизирање и добра подготовка за следните активности	директор, наставници, стручна служба
Распределба на задачи според планот за работа за новата учебна година	Информации и насоки за тековни и за понатамошните активности.	август	директор, стручна служба, Наставнички совет	документи, планови, програми	Прецизирање и добра подготовка за следните активности.	директор, наставници, стручна служба
Известување за реализација и планирање на следни активности.	Тековни насоки за воннаставни активности;	октомври	Директор, стручна служба, Наставнички совет	документи, планови, програми	Вреднување и добра подготовка за следните активности.	директор, наставници, стручна служба
Реализација на предвидените наставни планови и програми.	Разгледување и усвојување извештаи, анализи; Редовно водење на евиденција и документација;	тековно	Директор, стручна служба, Наставнички совет	документи, планови, програми	Вреднување и подготовка за следните активности.	директор, наставници, стручна служба

	Организација на манифестации, прослави.					
Сумирање на сработеното во првото тромесечие.	Утврдување на успехот и поведението во првото тромесечие и давање мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата; Родителски средби.	ноември	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи, планови, програми	Прецизирање и подготовка на следните активности, вреднување на постигањата во наставата и учењето.	директор, наставници, стручна служба
Информирање на наставниците.	Резиме на сработеното и насоки за активности и обуки кои следуваат за наставниците и проекти.	декември	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи, планови, програми	Прецизирање на следните активности.	директор, наставници, стручна служба
Анализа на сработеното во првото полугодие.	Разгледување на полугодишниот извештај; Усвојување на успехот во прво полугодие; Родителски средби	јануари	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи, планови, програми	Давање мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето;	директор, наставници, стручна служба
Реализација на предвидени и договор за наредни активности.	Договор за работата на стручните активи	тековно	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи, планови, програми	Давање мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето.	директор, наставници, стручна служба
Организирање на настава во природа,екскурзии, полуматура, учество на натпревари.	Договорни активности за настава во природа, екскурзии, полуматура; Договор за училишни и регионални натпревари и	март	Директор, стручна служба, Наставнички совет	документи, планови, програми,	Изведување на настава во природа, екскурзии, полуматура,натпревари.	директор, наставници, стручна служба

	определување ученици за натпревар;					
Договор за бесплатните учебници; Упис на првачиња; Реализација на е- дневник.	Одлука за користење бесплатни учебници; Формирање комисија за упис на првачиња; Водење на педагошка евиденција	април	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи планови програми	Снабденост со потребни учебници; Запишување на првачиња; Успешно водење на педагошката евиденција и документација.	директор, наставници, стручна служба
Вреднување на сработеното; Организирање тековни активности.	Усвојување на успехот за трето тромесечие; Договор за воннаставни активности	април	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи планови програми електронска платформа за комуникација	Вреднување на успехот; Спроведување на планираните активности.	директор, наставници, стручна служба
Подготовка на патрониот Празник.	Планирање активности и задолженија за патронатот.	мај	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи планови програми	Успешно одбележување на патронатот и реализација на предвидени активности.	директор, наставници, стручна служба
Извештаи за учество и освоени награди на натпревари, извештаи од увид во документацијата и новозапишани првачиња.	Анализа на резултати од натпреварите; Анализа од увидот во документацијата; Разгледување на информации за број на ново запишани ученици во прво одделение.	мај	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи планови програми електронска платформа за комуникација	Промовирање на работата на училиштето; вреднување на работењето; број на новозапишани ученици	директор, наставници, стручна служба
Водење на електронскиот дневник и друга документација и евиденција.	Анализа и насоки за водењето на педагошката евиденција и документација.	тековно	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи планови програми	Успешно водење на педагошката евиденција и документација.	директор, наставници, стручна служба
Сумирање на сработеното според изработени извештаи за успехот и постигањата на учениците.	Усвојување на постигањата и поведението на учениците; Избор на првенец;	јуни	Директор, стручна служба Наставнички совет	документи планови програми електронска платформа за комуникација	Вреднување на успехот.	директор, наставници, стручна служба

	Организирање одделенски испити; Одредување термин за доделување свидетелства.					

ПРИЛОГ 9: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Активот на одделенска настава ја донесе следната Програма за работа на Стручниот актив на одделенска настава за учебната 2025/26 година.

Содржина	Цели на активноста	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани резултати
Конструирање на ново раководство и поделба на активности Учество во изработка на Годишната програма на училиштето Изготвување програма по повод Свеченият прием на првачиња Подготовка и консултации околу Годишните програми по одделенија според новата Концепција за основно образование Информирање на наставниците за престојните семинари/обуки Разгледување на наставните планови и програми, договор за изедначување на методолог. за годишните и тематските планирања како и за сценаријата за час	Избор на ново раководство Изработка на програми за потребите на Годишната програма на училиштето (Еко, МИО, Стручен актив и сл.) Договор за Свечена приредба за приемот на првачиња со предвидени точки; Подобрување и унапредување на наставата Професионален развој и надградување на наставниот кадар	Одделенски наставници Стручни соработници Предметни наставници кои предаваат во одделенска настава (физичко и здравствено образование, англиски јазик, природни науки и техничко образование и информатика) Директор	Јули/август 2025	Наставен план и програма за сите одделенија од БРО Дополнителна литература, постоечки годишни програми и сл. Предавање	Избрано ново раководство за потребите на Активот Изработени други програми за потребите на годишната програма на училиштето (Еко, МИО, Стручен актив и сл.) за унапредување на наставата Изработена програма со точки за прием на првачиња во новата учебна година Изработени годишни програми по одделенија за унапредување на наставата
Усвојување на планот и програмата за работа на Стручниот актив на одделенска настава	Унапредување наработата на Стручниот актив на одделенска настава	Одделенски наставници Стручни соработници		Предлог Програмата за Актив	Изработена и усвоена програма на ниво на Актив на одделенска настава

Работилница-Грижа за ментално здравје на учениците од прво до трето одделение, во слободни ученички активности-предавање од педагог Матоди и техники во наставата за учење во прво одделение-предавање од педагог	Унапредување и воведување на учениците во наставта	Предметни наставници кои предаваат во одделенска настава (физичко и здравствено образование, англиски јазик, природни науки и техничко образование и информатика) Директор	Септември 2025	Предавање	Грижа за менталното здравје на учениците Воведување на учениците од прво одделение во наставата
Предлог и подготовки за организирање и одбележување на Детската недела Отворен-нагледен час	Навикнување на учениците за активно учество во одбележување на позначајни датуми и настани Примена на нови методи,техники и начини на работа со примена на ИКТ во наставата со цел споделување нови знаења и искуства кои би допринеле за подобрување и осовременување на наставниот процес	Одд.наставници Стручни соработници Директор	Октомври 2025	Изработена програма и план со активности за Детската недела	Реализирани активности, стекнување правилен однос кон училиштето, развивање чувство за солидарност, запознавање на учениците со нивните права и обврски
Разрешување на конфликти со учениците и меѓу учениците-активности кои можат да се имплементираат и спроведуваат во училница, примена на методи по спроведена обука	Разрешување на конфликти преку примена на игра „Ветрот дува за сите кои.....”	Актив на одделенска настава	Ноември 2025	Прирачници, вежби, секојдневни случки	Примена напроширени знаењаи техники во разрешување наконфликтите
Договор за новогодишно украсување на училиштето Отворен-нагледен час	Создавање на попријатна средина за престој и учење на учениците Одбележување на празници	Одделенски наставници Стручни соработници Предметни наставници кои предаваат во одделенска настава (физичко и здравствено образование, англиски	Декември 2025	Новогодишни украси и изработки од учениците	Развивање на ведро расположение кај учениците, соработка и комуникација помеѓу наставниците и родителите, развивање

Приредба по повод зачленување на второодделенците во училишната библиотека организирана од библиотекарката на училиштето Работилница од специјален едукатор и рехабилитатор-одбележување на Меѓународен ден на лицата со попреченост	Примена на нови методи,техники и начини на работа со примена на ИКТ во наставата со цел споделување нови знаења и искуства кои би допринеле за подобрување и осовременување на наставниот процес	јазик, природни науки и техничко образование и информатика) Ученици и родители Директор			креативност кај учениците Развивање љубов кон книгата, промовирање на навиките за читање Развивање чувство за хуманост
Извештај за работата на Стручниот актив на одделенска настава во првото полугодие за учебната 2025/26 година/полугодишен извештај Анализа на успехот на учениците во првото полугодие, проверка на педагошка документација и евиденција	Подобрување и унапредување на наставата	Одделенски наставници Стручни соработници Предметни наставници кои предаваат во одделенска настава (физичко и здравствено образование, англиски јазик, природни науки и техничко образование и информатика)	Јануари 2026	Полугодишен извештај за работата на Стручниот актив	Усвоеност и примена на нови знаења кај наставниците
Отворен-нагледен час	Примена на нови методи,техники и начини на работа со примена на ИКТ во наставата со цел споделување нови знаења и искуства кои би допринеле за подобрување и осовременување на наставниот процес	Одд.наставници	Февруари 2026	Сценарио за час, прирачницигодишна програма, наставни листови, смарт табла	Реализиран час со повеќе современи методи и техники за учење и поучување и работа во групи
Отворен-нагледен час Одбележување на Светски ден на лицата со Даунов синдром-работилница од специјален едукатор и рехабилитатор	Примена на нови методи,техники и начини на работа со примена на ИКТ во наставата со цел споделување нови знаења и искуства кои би допринеле за подобрување и осовременување на наставниот процес	Одд.наставници Специјален едукатор и рехабилитатор	Март 2026	Сценарио за час, прирачници, годишна програма, наставни листови, смарт табла	Реализиран час со повеќе современи методи и техники за учење и поучување и работа во групи Да ја подигнеме свеста, да покажеме емпатија и да ги

					отстраниме стереотипите
Отворен-нагледен час . Работилница од библиотекарката на училиштето по повод Светскиот ден на литературата за деца и Меѓународниот ден на книгата Одбележување на Светски ден на лицата со аутизам-работилница од специјален едукатор и рехабилитатор	Примена на нови методи,техники и начини на работа со примена на ИКТ во наставата со цел споделување нови знаења и искуства кои би допринеле за подобрување и осовременување на наставниот процес	Одд.наставници Библиотекар и ученици Специјален едукатор и рехабилитатор	Април 2026	Сценарио за час, прирачницигодишна програма, наставни листови, смарт табла	Реализиран час со повеќе современи методи и техники за учење и поучување и работа во групи Промовирање на љубовта кон читањето кај децата и нагласување на важноста на книгите Поддршка на лицата со аутизам и заеднички да ги надминеме сите предизвици и пречки
Предлог и подготовки за организирање и одбележување на патронен празник на училиштето	Активно учество во одбележување на позначајни дати - распределување конкретни задолженија и дефинирање на целокупниот тек на свеченоста	Одделенски наставници Стручни соработници Предметни наставници кои предаваат во одделенска настава (физичко и здравствено образование, англиски јазик, природни науки и техничко образование и информатика)	Мај 2026	Расположлив и ресурси за одбележување на Денот на училиштето	Создавање чувство за организација и учество Почитување на ликот и делото на браќата Св. Кирил и Методиј
Изработка на извештај за работа на Стручниот актив за учебната 2025/26 год.	Претставување на очекуваните и добиените резултати од работата на Стручниот актив	Претседател на Стручен актив на одд.настава	Јуни 2026	Програмски документи Изработки на ученици	Стекнатите знаења и вештини според програмата на активот на одделенски наставници се во целост усвоени и практично применети

Забелешка: Доколку има потреба оваа програма можно е да претрпи промени и дополнувања. Евентуалните промени ќе се извршат во соработка на Активот со стручната служба на училиштето и директорот.

ПРИЛОГ 10: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКТИВОТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИСТИЧКА ГРУПА

Стручниот актив е стручно тело кое го сочинуваат помала група наставници кои предаваат ист предмет или група наставници кои предаваат различни наставни предмети со допирни програми и целини. Членови на Активот на општествено-хуманистичка група на предмети се наставниците по мајчин и странски јазици, музичко и физичко образование, историја и граѓанско образование. Стручниот актив се состанува и работи според претходно донесена годишна програма за работа. Во текот на годината се реализираат активности кои имаат за цел усовршување и усогласување на наставниците во работата, стандарди за оценување, професионален развој, зголемување на мотивацијата и интересот кај учениците за поголема ефикасност и успех за полесно совладување на наставните содржини преку употреба на најразновидни методи, форми и техники на работа, подигнување на свеста кај учениците за почитување на различните култури и традиции, превземање мерки за подобрување и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Задача	**Активности**	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Ресурси и инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице за следење**
Планирање и организирање на работата на активот за поквалитетна настава и воннаставни активности	-Формирање на стручниот Актив -Избирање раководство -Усвојување на програмата за 2025-26 -Поделба на обврски и задачи за работата на активот -Извештај од евентуални одржани советувања и семинари	Август	Членовите на Активот	Компјутер Смарт табла Печатени или дигитални материјали, извештаи	Усвоена програма за работа на Активот Позитивно влијание врз квалитетот на наставата Извештаи од семинари Колаборативно учење Професионален развој	Директор и стручна служба
Да се организираат активности за одбележување Да се презентираат иновации во наставата Да се зајакне соработката училиште-семејство	1. Активности по повод одбележување на Европскиот Ден на јазиците 2. Отворен час по француски 3. Презентација за соработка со родители	Септември	Членовите на Активот Елена Блажевска Емилија Георгиевска	Креативни работилници, Хамери Интерактивна табла, листови Компјутер Проектор	Развиени меѓукултурни компетенции Креативна изразеност Споделени знаења Соработка Подобра комуникација и вклучување на родителите	Директор и стручна служба

				Презентација		
Да се презентираат иновации во наставата Да се организираат активностиза одбележување	1. Интегриран час по ликовно и музичко образование 2. Активности по повод одбележување Ден на учителот	Октомври	Суат Валбон Бећети	Учебник, компјутери Паноа, хамери, листови	Зголемена мотивација и вклученост на учениците Креативно и кооперативно учење Осознавање за вредноста на наставничката професија	Директор и стручна служба
Презентирање на техника Активности за одбележување	1. Стручно предавање 2.Одбележување на Денот на албанската азбука 3.Одбележување на Ден на граѓанско образование	Ноември	Биљана Арсова Сејди Имери Десанка Ѓорѓиевска	Интерактивна табла Ликовни и литературни творби, презентација	Споделени знаења Подобрување на наставната пракса Соработка Развој на училишна демократска култура	Директор и стручна служба
Да се споделат новини во наставата Активности за одбележување	1. Отворен час по музичко образование 2. Активности по повод новогодишните празници	Декември	Александар Тасевски Членовите на активот	Инструменти	Вклученост на родителите со презентација на инструменти Новогодишни изработки	Директор и стручна служба
Да се анализира работата на активот Да се споделат новини во наставата	1. Изработка на извештај за работата на стручниот актив на крајот од I полугодие 2.Стручно предавање	Јануари	Активот претседател и записничар Радица Петковска	Дискусија Извештаи Компјутер	Изработен полугодишен извештај Споделени нови искуства, збогатени знаења Подобрена соработка и настава	Директор и стручна служба
Јакнење на толеранција и почит преку спорт	1. Интегриран час по физичко и	Февруари	Сабир Ајрула и Дарко Костовски	Топки	Препознавање на вредностите на спортот за социјална интеграција	Директор и стручна служба

Да се организираат активности	здравствено образование 2.Одбележување на Денот на мајчиниот јазик		Маја Медарска, Анета Кузмановска, Марина Димоска Вера Стојаноска	Работни листови, Работа по групи, хамери, листови во боја	Креативни трудовиЗаедничка работилница	
Да се организираат активности за одбележување Да се споделат новини во наставата	1.Одбележување на Денот на поезијата 2. Отворен час по англиски јазик	Март	Марина Димоска Вера Стојановска Анета Кузмановска Вјоса Елези	Работилница Листови во боја, хамери презентација	Креативни изработки Изложба на творби	Директор и стручна служба
Да се презентираат иновации во наставата Едукативна посета Да се организираат активности	1. Отворен час по класична култура 2. Посета на Археолошки Музеј 3.Одбележување на Ден на книгата	Април	Валентина Николовска Валентина Николовска Десанка Вера С Сејди Имери Анета К	Презентации, дискусија, Интерактивна табла Превоз, карти, водич	Интер-дисциплинарен пристап Сфаќање на значењето за зачувување на културното наследство	Директор и стручна служба
Да се организираат активностиза одбележување Едукативна посета Да се споделат новини во наставата	1.Одбележување на Денот на училиштето 2. Училишни спортски натпревари 3.Посета намузеј 4.Извештај од евентуални одржани натпревари	Мај	Сите вработени Наставници по физичко Десанка Маја Медарска Марина Димоска	Озвучување Хамери... Спортски реквизити	Зголемена свест за значењето на училиштето Развој на вештини за презентација и јавен настап Тимски дух Зголемена културна свест Искуствено учење Извештаи Колаборативно учење	Директор и стручна служба
Да се подготви годишен извештај за работата на активот	Анализа Изработка на предлог програма за	Јуни	Активот	Дискусија Компјутер Извештаи	Изработен годишен извештај и предлог програма	Директор и стручна служба

Планирање на активности	наредната учебна година				Анализа на успешни практики и области за подобрување	

ПРИЛОГ 11: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКТИВОТ НА ПРИРОДНО -МАТЕМАТИЧКА ГРУПА

Задача	**Активности**	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Ресурси и инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице за следење**
Правилно да се распредели за изборот на темите од ЕКО стандардите	1) Усвојување на програмата за работа на Активот во 2025/2026 година. 2)Задолженија на членовите од Активот за учебната 2025/2026година. -избор на часови за : -МИО, ИКТ, ЕКО и спречување на насилството -фото конкурс -Посета на (Вруток , Хидроцентрала МАТКА , Ботаничка градина, Природно научен музеј , Кокино, Мража за искуствено учење) 3)Тековни прашања.	Август	Наставниците од Активот на Природно – математичката група	Лап – топ	-Примена на темите од ЕКО стандардите во наставата -правилно следење проверување и задавање на домашните задачи по предмети	Актив и педагог
Да ги користи целите броеви во различни задачи	1) Отворен час по математика / VII одд 2) ТЕМА:**Број и решавање проблеми** Содржина: Цели броеви 3)Разговор по реализираниот час. 4)Тековни прашања.	Септември	Габриела Јорданов	Лап – топ Смарт табла	Решава задачи со примена на позитивни и негативни цели бриеви	педагог

- Да ги набројува супстанците,нивните агрегатни состојби и нивните хемиски својства	1) Отворен час по Природни науки/VI одд 2)Тема : **Својства и промени на супстанциите** Содржина: Хемиски својства на супстанции 3)Разговор по реализираниот час. 4)Тековни прашања.	Октомври	Рабие Рустеми-Османи	Табла Лап - топ	Знае да ги препознава агрегатните состојби и хемиските својства	педагог
Запознавање со различен вид на храна и енергијата која се добива од неа	1) Отворен час по биологија/ VIII одд. 2)Тема: **Добивање храна** Содржина: Функција на дигестивниот систем 3)Разговор по реализираниот час. 4)Тековни прашања.	Ноември	Маја Цекова	Смарт табла	Да се запознаат со начинот на преработување на храната во човековото тело	Директор Педагог
- Користи знаења за кардиоваскуларен систем	1) Отворен час по природни науки /VI одд. 2)Тема: **Градба на човеково тело** Содржина: Кардиоваскуларен систем 3) Дискусија за реализираниот час 4)Тековни прашања	Декември	Огнен Симиќ	Учебник Тетратка	Може да објасни значење на кардиоваскуларниот систем	
Да се запознаат со сите карактеристики на Шпанија	1) Отворен час по географија/ IX одд 2)Тема: **Африка** Содржина: Општествено – географски карактеристики на Африка 3)Дискусија за реализираниот час	Јануари	Огнен Симиќ	Компјутер Смарт табла	Знае да ги одредува сите карактеристики на Шпанија	Директор Педагог
Да знае што е дропка, кои операции се	1)Отворен час по математика/ VIII одд	Февруари	Илфие Емини	Смарт табла компјутери	Подобрено размислување и полесно стекнување	Директор Педагог

извршуваат со дропките	2)Тема : **Број и решавање проблеми** Содржина: Собирање и одземање на дропки 3) Дискусија по реализираниот час. 4) Тековни прашања				на знаењата за дропки, сведување на дропка на ист именител	
Да знае кои се карактеристиките на Западна Европа	1) Отворен час по**Географија**/ VIII одд 2)Тема: **Западна Европа** Содржина :Земјите на Бенелукс (Белгија, Холандија, Луксембург) 3) Разговор по реализираниот час. 4) Тековни прашања	Март	Амине Исени	Учебник Смарт табла	Знае какво е значењето на градовите кои се дел од Западна Европа за нејзино развивање	Директор Педагог
Да знае како делува звукот на човековиот организам и како се шири во просторот	1)Отворен час по физика/ IX одд 2)Тема: **Звук** Содржина: Осцилации и звук 3) Разговор по реализираниот час. 4) Тековни прашања.	Април	Јасмина Јездиќ	Смарт табла Лап - топ	Да знае да го користи звукот во различни ситуации	Директор Педагог
Да знае како да ги користи Онлајн апликациите	1) Отворен час по информатика / VI одд. Тема:**Онлајн живеење** Содржина: Апликации на WEB пребарувачи 3) Разговор по реализираниот час. 4) Тековни прашања	Мај	Суат Камбери	Смарт табла Учебник	Знае да користи WEB апликации во повеќе форми	Директор Педагог
Да се изврши анализа и да се издвојат позитивните насоки и знаења од работата на активот во тековната учебна година	1) Анализа на работата на Активот за учебната 2025/2026 година 2) Изработка на извештај за работата на стручниот Актив од тековната година. 3) Внесување на податоци за успехот на учениците на крајот	Јуни	Членови на Активот	Лап - топ	Преимена на позитивните насоки и знаења од работата на активот во тековната учебна година	Директор Педагог

	на учебната година во е-дневникот. 4) Предлог-програма за работа на Активот за следната учебна 2026/2027година. 5) Тековни прашања.					

ПРИЛОГ 12: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТ

Програма на совет на одделенски наставници

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Известување за реализација на наставната програма	Разгледување на реализацијата на наставната програма	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на одделенска настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Целосна реализација на наставните програми	Директор Стручни соработници
Разгледување на успехот и поведението на учениците од прво до петто одделение	Реферирање на успехот и поведението на учениците од прво до петто одделение	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на одделенска настава	Дневник на паралелката Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Подобрување на успехот и поведението на учениците	Директор Стручни соработници
Известување за реализацијата на дополнителна и додатна настава, како и слободните и воннаставните ученички активности	Разгледување на реализацијата на дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на одделенска настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Реализација на дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности	Директор Стручни соработници
Известување за адаптација на новозапишаните ученици и учениците во прво одделение	Разгледување на адаптацијата на новозапишаните ученици	Ноември	Одделенски совет на одделенска настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Адаптираност на учениците	Директор Стручни соработници

Одржување родителски средби	Договор за одржување родителски средби	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на одделенска настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет Извештај	Реализација на родителски средби	Директор Стручни соработници

Програма за совет на предметни наставници

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Известување за реализација на наставната програма	Разгледување на реализацијата на наставната програма	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на предметна настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката Записник од одделенски совет Извештај Формулари	Целосна реализација на наставните програми	Директор Стручни соработници
Разгледување на успехот и поведението на учениците од шесто до 9 одделение	Реферирање на успехот и поведението на учениците од шесто до деветто одделение	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на предметна настава	Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Подобрување на успехот и поведението на учениците	Директор Стручни соработници
Известување за реализацијата на дополнителна и додатна настава, како и слободните и воннаставните ученички активности	Разгледување на реализацијата на дополнителна и додатна настава и СУА	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на предметна настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Реализација на дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности	Директор Стручни соработници
Известување за адаптација на новозапишаните ученици и учениците од шесто одделение	Разгледување на адаптацијата на новозапишаните ученици	Ноември	Одделенски совет на предметна настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет, Извештај Формулари	Адаптираност на учениците	Директор Стручни соработници
Одржување родителски средби	Договор за одржување родителски средби	Ноември Јануари Април Јуни	Одделенски совет на предметна настава Директор Стручни соработници	Дневник на паралелката, Записник од одделенски совет, Извештај	Реализација на родителски средби	Директор Стручни соработници

ПРИЛОГ 13: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати
Идентификување на учениците со ПОП	Опсервација и разговори со ученици со ПОП	Септември Октомври	Инклузивен тим	Листа за опсервација Прашалници Тестови за проценка	Навремено идентификувани ученици со ПОП
Упатување на учениците во Завод за ментално здравје/МКФ и обезбедување наод и мислење	Доставување писмено барање до родителите за обезбедување на наод и мислење од ЗМЗ	Во текот на учебната година	Инклузивен тим Стручен тим од ЗМЗ/МКФ	Прибирање на релевантни податоци потребни за работа на инклузивен тим	Навремено добиена медицинска белешка (потврда) за децата со ПОП
Споделување мислење со родителите на децата со ПОП	Соработка со родителите и разговор со децата со ПОП	Во текот на учебната година	Инклузивен тим	Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес	Поддршка на родителите на учениците со ПОП
Давање инструкции на наставниците за карактеристиките на учениците со ПОП	Инструктивна работа преку разговор, прирачници	Во текот на учебната година	Инклузивен тим	Листа за опсервација Прашалници Тестови за проценка	Навремено и соодветно упатување на наставниците, запознавање со потребите и карактеристиките на учениците со ПОП
Изработка на индивидуални образовни планови	Изработување на индивидуални образовни планови	Во текот на наставната година	Инклузивен тим Наставници Родители Стручни лица	Модели на ИОП Аналитички листови Стручна литература	Остварување на предвидените цели со ИОП
Учество на родителите при изготвување на индивидуални образовни планови	Поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот на учениците	Во текот на наставната година	Инклузивен тим Наставници Родители	Модели на ИОП Аналитички листови Стручна литература	- Вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес - Успешна инклузија на учениците со ПОП во редовниот воспитно-образовниот процес

Ревизија на ИОП	Направен увид во реализација на целите од ИОП	Јануари 2026 Јуни 2026	Инклузивен тим Наставници	ИОП Обрасци за следење на ученикот со пп и потешкотии во учењето	Целите кои се планирани со ИОП реално да се остварени

ПРИЛОГ 14: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОБРАЗОВЕН МЕДИЈАТОР

РАБОТНА ПРОГРАМА

Име и презиме на образовен медијатор	Рафета Демири
Година на раѓање	1995
Степен на образование	Средно образование (студент)
Звање	Ромски образовен медијатор на територија на општина Гази Баба
Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор	Ангажман за период од 10 месеци
Планирани активности на образовен медијатор	Соработка со стручно педагошка служба на основните училишта, соработка со родителите за нивна мотивација и поддршка за вклучување на нивните деца во образовен процес, работа на терен за идентификација на не редовни ученици Роми од прво до девето одделение, идентификување на учениците кои се повратници од странски земји и преземање мерки за нивно враќање во образовен процес, увид на пријавени/запишани првачиња-Роми (работа на терен информирање на родителите за упис)
Цели на образовен медијатор	Вклучување на што поголем број на ученици Роми во образовен процес, редовна соработка со стручно-педагошка служба и наставници за подобрување на постигањата на ученици Роми, намалување на осипување / откажување од воспитно-образовниот систем на учениците Роми, зајакнување на комуникацијата меѓу ученици Роми и припадниците на другите заедници.

Име и презиме на одговорно лице кој ќе ги следи активностите на образовниот медијатор	Арабела Илјаз Мерита Мустафи

ПРИЛОГ 15: ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН ХОР И ОРКЕСТАР

Задачи	**Цели**	**Дидактички насоки**		**Инструменти**	**Начин на спроведување (Ресурси)**	**Временска рамка**
Обработка на композиции	**Посебни цели:**	**Активности** Ученик:	**Активности** Наставник:			**реализација**
Аудиција	Одредување на музикалноста квалитетот на гласот; тонски распон на гласот;	Пеење на мелодиско – ритмички мотиви во различни тоналитети Интерпретација на песна по свој избор; Интерпретација на задолжителна песна;	Организирање на аудиција и реаудиција на членовите на хорот; Распејување Заедничко пеење; Индивидуално пеење; Нотен запис на песната „Билјана платно белеше“ подобна поради дијапазонот децима.	Разговор, Евидентен лист за присутност; листа за проценка на музикалност	Кабинет по музичко, Клавир - пијано	септември во текот на целата учебна година
Усвојување на основи на вокална техника, демонстрација и примена на вежби за распејување и дишење.	Примена на правилен пеачки став, правилно дишење и поставка на вокал; Развивање на вокалната техника; Примена на различно темпо, динамика; Презентација на креативна и естетска вокална интерпретација;	Пее вежби за правилно дишење и поставка на вокал; Пее вежби за развивање на вокалната техника; Применува вежби за правилен пеачки став, Применува различно темпо и динамика; Презентира креативна и естетска вокална интерпретација; Прави избор на програма;	Објаснува за основните елементи на вокалната технока; Демонстрира вежби за распејување; Објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи; Објаснува за постоењето на внатрешниот слух; Дискутира за пеењето со образложение и физиолошката и интелектуалната дејност, Потребата за емоционално доживување што треба да	Разговор, Демонстрација Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко образование; нотен материјал; пијано	септември октомври во текот на целата година

			допрат до свеста и душата на интерпретаторот и слушателот;			
Обработка на: Химна на ОУ „Димитар Миладинов“ Народни песни	Усвојува правила за изведба на свечена песна – химна Го проширува репертоарот на народни песни, дел од фолклорното наследство	Усвојува ритмичко мелодиска целина Применува правилна интерпретација со соодветно темпо и динамика Го доживува карактерот на композициите и презентира правилна изведба;	Објаснува за поимот химна – свечена песна; Дава напатствија за интерпретација на народни песни; Демонстрира правилна вокална интерпретација; Одредува интонација, темпо, динамика, внимава на правилна интонација и јасна дикција.	Разговор, Демонстрација ; Евидентен лист за присутност; Листа на проценка.	Кабинет по музичко образование; нотен материјал; пијано	октомври ноември
„Божиќна песна“ Ј.Коџабашија **„Тивка ноќ“** **„Две лири“ – К.Гочева** преработка (двогласна)	Пее традиционалнистрански песни преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи Применува повеќегласна интерпретација	Да демонстрира правилнадвогласна и тригласна вокална интерпретација; Да применува соодветно темпо и динамика; Да го доживее карактерот на композицијата;	Објаснува за карактерот на песната; Објаснува за традицијата на пеење на празнични песни; Демонстрира интерпретација со различни вокални техники; Одредува интонација, темпо, динамика, Внимава на правилна и јасна дикција	Разговор, Демонстрација Евидентен лист за присутност; Листа на проценка.	Кабинет по музичко образование; нотен материјал; пијано	ноември декември јануари
,,Сплет на народни песни- „Свилено фустанче“ „ Сербез Донка“ „**Велигденска песна“**	Развива колективен интелектуално емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;	Демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; Применува соодветно темпо и динамика; Да го доживее карактерот на композицијата;	Објаснува за фолклорната традиција; Дискутира за потребатата од негување и пеење народни песни Демонстрира правилна вокална интерпретација; Одредува интонација, темпо, динамика, Внимава на правилна и јасна дикција.	Разговор, Демонстрација Евидентен лист за присутност; Листа на проценка.	Кабинет по музичко образование; нотен материјал; пијано	февруари март април
Хорски натпревари Задолжителна композиција	Репрезент на финалната работа на хорската настава се стекнува со искуство на јавен настап(во училиштето, локалната	Учествува во јавен настап со целосна одговорност и посветеност за успешна изведба; Ќе се стекне со натпреварувачки дух; Учествува на манифестација за која ќе	Ја финализира работата на активностите на хорот Ги подготвува учениците за јавен настап, натпревар; Раководи со хорот на јавниот настап; Ги усогласува сите елементи на хорската изведба; Внесува свое доживување и чувство;	Разговор, Демонстрација Евидентен лист за присутност; листа на проценка; Слики; Награди	Свечена сала за проби, кабинет по музичко; Нотен материјал; Пијано	април мај

	средина и пошироко)	даде критички и самокритички осврт; Ќе учествува и ќе даде придонес на крајниот репрезент на својата и заедничката работа на училишниот хор.		Диплома		
„Во пролет“ J. C. Бах	Развива љубов кон пеењето; Интерпретира композизии преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи	Демонстрира правилна двогласна и тригласна вокална интерпретација; Применува соодветно темпо и динамика; Го доживува карактерот на композицијата	Објаснува закомпозицијата и животот и творештвото на композиторот; Демонстрира правилна вокална интерпретација; Одредува интонација, темпо, динамика, Внимава на правилна и јасна дикција.	Разговор Демонстрација евидентен лист за присутност; листа на проценка	Кабинет по музичко образование; нотен материјал; пијано	мај јуни

УЧИЛИШЕН ХОР

Цел

- Учениците да ги прошират знаењата и способности согласно своите афинитети и интерес, определба и сензибилитет;
- да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела;
- да се оспособат за лична и колективна афирмација во училиште и пошироко.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;
- да ги развива творечките способности, етичките и естетските вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност индивидуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот и менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко;
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов кон пеењето;
- да интерпретира композиции преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на други народи.

Образовен процес - структура на содржини

ЗАБЕЛЕШКА:
Во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработат композиции според потребите, интересот, желбите и можностите на хорските пејачи.

Организација на хорската настава
Часовите по ХОР ќе се реализираат во текот на цела учебна година. Неделниот фонд на часови е според тежинското ниво на комппозициите по 3 (три) часа неделно. Во училишниот хор може да членуваат ученици од VI, VII , VIII и IX одделение, согласно интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализацијата се организира спрема просторните услови во училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат во училиште на разни манифестации и на хорските натпревари кои се реализираат секоја учебна година, во локалната средина и пошироко за разни потреби и пригоди.

Наставни методи и активности
Во остварувањето на целите на училишниот ХОР ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална, разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други.
Во работата ќе преовладува иницијативноста, самостојноста, креативноста и слободното изразување на чувствата преку вокална интерпретација. Ќе се оствари соработка со културно-уметнички институции, и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација.

Просторни и материјално –технички услови
Наставата по хор ќе се реализира во наменски кабинет по музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи: Училишниуот хор ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во програмата на училиштето, програмата на ЗМПРМ, Активот на музичари на општината, проектни активности и хорските натпревари организирани од ЗМПРМ во соработка со БРО.

УЧИЛИШЕН ОРКЕСТАР
Цел
- учениците на училишниот оркестар да ги прошират знаењата и способности согласно своите афинитети и интерес, определба и сензибилитет;
- да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела;
- да се оспособат за лична и колективна афирмација во училиште и пошироко.

Посебни цели:
- да создава навика за редовност и точност;
- да ги развива творечките способности, етичките и естетските вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на инструменталните композиции;
- да развива способност индивидуална инструментална интерпретација;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот и менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на оркестарската активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект ;
- да учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко;
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ;
- да интерпретира композизии преку кои ќе се запознае со творештвото и културата на другите народ.

Образовен процес - структура на содржини

Задачи	Цели	Дидактички насоки		Инструменти	Начин на спроведување (Ресурси)	Временска рамка
Композиции и технички содржини за обработка	**Посебни цели:**	**Активности** Ученикот:	**Активности** Наставник:			**реализација**
Аудиција	Одредување на музикалноста Техника насвирење; Степен на обученост за свирење на инструменти;	Демонстрира ритмички и мелодиски вежби. Презентира ритмичкаинтерпретација; Демонстрира инструментална изведба по свој избор Да поседува елементарни знаења од музичката писменост	Организира аудиција на членови во училишниот оркестар Врши проверка на знаењата на учениците од областа на музичката писменост Демонстрира ритмички и мелодиски вежби.	Разговор, Евидентен лист заприсутност; Листа за проценка на музикалност	Кабинет по музичко, Клавир - пијано	септември во текот на целата учебна година
Видови, технички можности и наин на свирење на ДМИ	Ги проширува теоретските знаења во областа на свирење на ДМИ; Развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ;	Учи за поделбата на ДМИ (ритмички, мелодиски) Препознава ДМИ по навната звучност, Дискутира за секој инструмент од групата на ДМИ	Презентира ДМИ; Објаснува за поделбата на ДМИ; Демонстрира слики, аудио и видео снимки со примена на ДМИ и др. вид на инструменти	Разговор, усна презентација; Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко, ДМИ	септември

		Свири на ДМИ.		Листа за проценка на музикалност		
Видови, технички можности и наин на свирење на блок флејти	Усвојува нови знаења; Развива творечките способности, етичките и естетските вредности	Препознава видови на блок флејти; Усвојува техника на свирење на блок флејта; Демонстрира технички вежби; Демонстрира вежби за секој тон (sol; mi; sol-mi; fa; sol-fa-mi; do; sol-fa-mi-do; re; do-re-mi -fa-sol; la; do2; si;)	Презентира видови на блок флејти Демонстрира и објаснува техники на свирење Презентира правилен начин на свирење и држење на инструменти Презентира мелодиски и ритмички вежби	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко, блок флејти, нотен материјал	септември октомври
Химна на Р.С.М	Усвојува и презентира правила за изведба на свечена песна - химна Учествува на разни видови настапи во училиштето, локалната средина и пошироко	Интерпретира празнични композиции; Презентира правилна изведба Стекнува искуство за заедничко музицирање, Чувствува задоволство од изведбата на свечени песни;	Врши поделба во групи Демонстрира мелодиска и ритмичка делница; Реализира посебни и заеднички проби; Дава потребни сугестии и насоки за правилна и естетска изведба;	Разговор, усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко, ДМИ, Нотен материјал	октомври ноември
Ритмичко мелодиски вежби и канони	Да се здобие со искуство за двогласно свирење Демонстрира правилна изведба на канонска мелодија	Усвојува поим канон; Свири канонска мелодија; Свири и следи втора мелодија	Објаснува поим канон и начинот на изведба Демонстрира канонска мелодија, Демонстрира канонска изведба	Разговор, усна повратна информација; Лист за присутност;	Кабинет по музичко, ДМИ, Нотен материјал	ноември декември јануари
Новогодишни композиции: **„Новогодишен Валцер“** Обработка на сле на	Развива љубов кон индивидуално и колективно свирење на ДМИ Интерпретира композизии преку кои ќе се запознае со творештвото и	Интерпретира празнични композиции; Презентира правилна ритмичка и мелодиска изведба; -Учествува во заедничко музицирање, Чувствува задоволство од изведбата на	Врши поделба во групи - демонстрира мелодиска и ритмичка делница; Реализира посебни и заеднички проби; Дава потребни сугестии и насоки за	Разговор, Усна повратна информација; Евидентен лист за присутност;	Кабинет по музичко, ДМИ, Нотен материјал	декември јануари

Пофалби и награди за оваа група на ученици кои во текот на учебната година се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето од повеќе области и тоа: резултати во учењето, натпревари во знаење, спортски натпревари, литературни и ликовни конкурси во и вон училиштето	Благодарници за афирмација на училиштето и симболични награди	Континуирано во текот на учебната година, и на крајот на учебната година на денот на доделување на свидетелствата	Наставници, стручни органи и тела во училиштето и надвор од него	Награди од типот на (училишен прибор, книги, енциклопедии, и слично)	Идентификација на видот на успешност

ПРОГРАМА ЗА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати
Детектирање на учениците со потешкотии во учењето	Откривање и евидентирање на ученици со потешкотии во учењето	Во текот на наставната година	Стручни соработници Наставници	Чек листи Листа за опсервација и проценка	Преглед на ученици и видот на потешкотиите
Конципирање развоен план за работа со учениците со потешкотии во учењето	Изработка на акциски план за работа и напредок на учениците со потешкотии во учењето	Во текот на наставната година	Стручни соработници Наставници	Акциски план	Подобрување на постигањата на учениците со потешкотии
Следење на успехот, редовноста на ученикот; Увид во инструменти за следење	Утврдување на индивидуалните постигања на учениците со потешкотии;	Во текот на наставната година	Стручни соработници Наставници	Евидентни листови Е-дневник	Реална проценка на постигнувањата Определувањесоодветни форми/методи за работа со ученикот
Утврдување на критерими за вреднување на учениците со потешкотии во учењето во согласност со наставни планови и програми,	Изготвување на диференцијални цели	Во текот на наставната година	Стручни соработници Наставници	Сценарија Годишни планирања	Развој на критерими, индивидуални инструменти за вреднување на учениците потешкотии
Утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата	Евалуација на програмата за работа со учениците со потешкотии во учењето	Во текот на наставната година	Стручни соработници Наставници	Табели со статистички податоци	Изработка на извештај

ПРИЛОГ 27: ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА						
1. САМОСПОЗНАВАЊЕ						
Активности	**Цели**	**Носители на активности**	**Форми/ методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**
1.1.Психолошки работилници за самозапознавање реализирани со ученици од 8 и 9 одделение	Учениците да изградат реална слика за себе, свој систем на вредности и капацитети	Психолог по потреба и Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП)	Самостојна работа Бура на идеи Презентација Разговори Дискусија	Работни листи, PPT, PC, Интернет Прашалник Материјал за работилница	Учениците стануваат свесни за своите лични капацитети, јаки и слаби страни, способности, потенцијали, цели, ставови, верувања, вредности, вештини. Саморазвој на учениците – идентификување на своето јас и самозапознавање	Голем број ученици креираат објективна слика за себе
1.2.Работилници Животни вештини	Учениците да се оспособат за самопроценка. Саморазвој на учениците	Одделенски раководители 8 и 9 одделение	Групна работа Индивидуална Разговори Дискусии Советувања	Прирачник ОЖВ Работни листи Прибор за работа		Голем број од учениците се оспособени за саморпоценка
1.3.Активности за личен раст и развој на часовите Граѓанско образование	Унапредување на капацитетите за личен раст и развој	Наставници Граѓанско образование	Групна работа Индивидуална Дискусии Презентации	Работни листи, Скали за самопроцена Материјал за работа		35% ученици постигнуваат личен раст и развој
1.4.Проценка на способности и професионални интереси на учениците од 9 одделение	Утврдување на општи и специфични способности и професионални интереси на учениците	Психолог	Индивидулна работа Психолошко тестирање	Прибор за работа Психолошки инструменти и скали на проценка	Учениците ги запоснаваат свои способности, професионални интереси и лични карактеристики.	Детектирани општи и специфични способности и професионални интереси на учениците
2. ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ 3. ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ						
Активности	**Цели**	**Носители на активности**	**Форми/ методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**

2.1.Патот од образование до занимање – психолошки работилници за професионално информирање со ученици до 8 и 9 одделение	Професионално информирање на учениците со потребен степен на образование и работни задачи за одредени професии	Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП)	Психолошка работилница Бура на идеи Постер презентација Дискусии Разговори Извлекување на заклучоци	Работни листи Интернет, PPT, PC, Постер презентација Компјутер Прибор за работа	Професионално информирање на учениците со видови професии и можности за натамошно школување и кариерен напредок	Голем број ученици се запознаети со потребно образование, работни задачи и можности за напредок на презентираните професии
2.2.Посета на средни училишта или организирање презентација од претставници од средни училишта за ученици од 9 одд.	Запознавање со условите за школување во средно училиште и натамошен кариерен развој	Директор Одделенски раководители Стручна служба Претставници од средни училишта во Скопје	Посета на средни училишта Презентации од средни училишта Разговори	ППТ Брошури Квизови Флаери Информатори Биографии од познати личности	Професионално информирање на учениците за услови и степени на образование, можности за кариерен напредок и развој	85% ученици се информирани за услови за школување и професионален напредок во посетените училишта
3.1. Истражување на ученици од 9 одд.: Видови професии и можности за школување (<u>пребарување на интернет</u>)	Запознавање со мрежата на средни училишта и мапа на занимања Истражување на занимање кое ученикот го преферира	Стручна служба Одделенски раководители на 8 и 9 одд.	Пребарување на интернет Презентација на проект Дискусија Анализа Разговор	Интернет експлорер Компјутер Постер презентација Работни листи на кои работел ученикот Анкета	Професионално информирање на учениците за видови професии и можности за школување	Голем број ученици се информирани за видови професии и можности за школување
3.2. Работилница со ученици од 9 одд: Како да се запишам во посакуваното средно училиште	Запознавање на учениците со начин и услови за аплицирање во средните училишта	Стручна служба Одделенски раководители на 9 одд.	Презентација на оглас Пребарување на интернет Пресметување на бодови за секој ученик од 9 одд. Дискусија	Оглас за упис во средните училишта Интернет експлорер Компјутер Листи за пресметки на бодови	Информирање на учениците за термини, потребни документи и начин на аплицирање. Пресметка на бодови според успех и дипломи на учениците	Сите ученици ги знаат своите бодови за аплицирање и услови за аплицирање во средните училишта
4. РЕАЛНИ КОНТАКТИ / СРЕДБИ						
Активности	**Цели**	**Носители на активности**	**Форми/ методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**

4.1.Средби со ученици и професори од средни училишта. Средби со лица кои успешно завршиле одредено средно училиште и постигнале голем кариерен успех	Запознавање со мрежа на средни училишта, услови за школување и кариерен развој	Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП) Одделенски раководители 9 одделение Претставници од средни училишта	Посета на средни училишта Разговори Советувања Дискусии	Листи со информации и Наставен план и програма за средни училишта Биографии од успешни личности	Учениците се информирани за патот од образование до одреден тип професија и можности за кариерен напредок	Најголем дел ученици се запознаети со патот од образование до професија која ги интересира и можности кариерен за напредок
4.2. Средби со експерти и родители - стручни лица од одредени професии -	Презентација на одрени професии пред учениците од 8 и 9 одделение	Родители експерти од одредени професии Наставници Стручни лица	Усмена презентација Разговор Прашања и одговори Дискусија	Листи со информации Видео материјали	Учениицте се информирани за одредени професии: потребни квалификации, вештини, услови и опрема за работа	Голем број ученици се информирани за различни професии и образовни профили
4.3. Истражувам за професијата која ме интересира	Пребарување информации за професијата за која ученикот се интересира	Стручна служба Одделенски раководители на 9 одд Родители	Посета на саеми и отворени денови во средните училишта Пребарување на интернет	Записи од пребарувања на интернет и од разговори со лица од одредена професија	Учениците се запознаваат со пат од образование до професијата која ги интересира и можности за натамошен кариерен напредок	Најголем дел ученици се запознаети со патот од образование до професија која ги интересира и можности кариерен за напредок
5. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА						
Активности	**Цели**	**Носители на активности**	**Форми/ методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**
5.1. Психолошки работилници со учениците од 9 одделение	Градење вештини на учениците за донесување одлуки	Психолог по потреба и Специјален едукатор и рехабилитатор	Психолошка работилница Бура на идеи Драматизација Дискусија Заклучоци	Работни листи, прашалници материјал со инструкции за работа	Ученикот стекнува вештини за проверка на можностите и условите и донесување одлуки	20% од учениците ќе усвојат нови вештини за донесување одлуки
5.2. Пишување ЦВ и мотивациско писмо – психолошка	Оспособување на учениците за презентација на	Психолог	Индивидуална работа	Шема за ЦВ и мотивациско писмо	Учениците се запознаваат со начини на презентација на	40% од учениците се оспособени самостојно да

работилница	своите успеси, способности, интереси и постигнувања	Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП)	Истражување на интернет Дискусија Усмена презентација	Интернет Компјутер Евалуациски листи	своите постигања, способности, интереси, таленти и личен профил	изготват ЦВ и мотивациско писмо
5.3. Работилници за родители за унапредување на родителските компетенции за охрабрување на детето за самостојно носење одлуки	Вклучување на родителите во поддршка на учениците за донесување самостојна одлука за избор на идна професија	Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП) Одделенски раководители на 8 и 9 одделение	Презентација Разговор Дискусија Вежби Заклучоци Советување	ППТ Компјутер Евалуациски листи Работни листи	Психоедукација на родителите за зајакнување на родителски компетенции за охрабрување на самостојноста на нивните деца	Голем дел од родителите ги унапредиле своите родителските компетенции за охрабрување на детето за самостојно носење одлуки
5.4. Советување на ученици од 9 одделение заедно со нивните родители-старатели за правилен избор на натамошно образование	Запознавање на ученикот со неговиот личен профил, способности, таленти и советување за избор и идна професија	Психолог Специјален едукатор и рехабилитатор (за ученици со ПОП)	Разговор Насочен разговор Драматизација Бура на идеи Психолошко советување	Резултати од психолошките тестирање на учениците Ученичко портфолио	Ученикот прави споредување и проценка на својот личен профил со барањата кои ги поставува одбраното образование и професионална кариера и носи одлука за избор на соодветно училиште/ занимање	80% од учениците избираат натамошно образование во склад со лични карактеристики, интереси, таленти и способности на ученикот.
5.5. Мојата одлука е..... (проверувам и донесувам одлука) работилница	Споредба на личниот профил и способностите на ученикот со барања на избраното училиште/ занимање	Ученици Психолог Одделенски раководители на Родители	Групна дискусија Бура на идеи Индивидуална Бура на идеи Постер презентација	Power point презентација Интернет експлорер Ученичко портфолио		

ПРИЛОГ 28: ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБАТА НА УЧЕНИЦИТЕ, ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ОД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

План за промоција на добросостојба на учениците

Активности	Носител на активноста	Ресурси	Инструменти	Временска рамка	Очекувани резултати
Тема 1: Јас - Личен развој	I-III IV-VI VII-IX	Прирачник за Животни вештини	Работни листови Вежби Работилници	Во текот на учебната година	Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој Аналитичко и критичко мислење
Тема 2: Јас и ти - Интерперсонални односи	I-III IV-VI VII-IX	Прирачник за Животни вештини	Работни листови Вежби Работилници	Во текот на учебната година	Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој Аналитичко и критичко мислење
Тема 3: Јас и ти - Општествени односи	I-III IV-VI VII-IX	Прирачник за Животни вештини	Работни листови Вежби Работилници	Во текот на учебната година	Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој Аналитичко и критичко мислење
Тема 4: Јас и здравјето - Здраво живеење	I-III IV-VI VII-IX	Прирачник за Животни вештини	Работни листови Вежби Работилници	Во текот на учебната година	Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој Аналитичко и критичко мислење
Тема 5: Јас и околината - Однос со надворешната средина	I-III IV-VI VII-IX	Прирачник за Животни вештини	Работни листови Вежби Работилници	Во текот на учебната година	Когнитивен, социо-емоциоален и психомоторен развој Аналитичко и критичко мислење

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ

Активности	Очекувани резултати	Целна група	Носители на активноста	Место на реализација	Време на реализација	Потребни ресурси
Вежба: Кругови на поддршка	Развивање на вештина за активно слушање кај учениците Поттикнување емпатија и давање поддршка кај учениците Развивање на свесност за меѓусебно поврзување и на ниво на врсници во паралелката	I, II и III одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	септември - ноември	Флип чарт маркер
Ментално здравје и стигма	Разлики меѓу физичкото, менталното и социјалното здравје	VI-IXодделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	септември-ноември	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје
Развојни предизвици во адолецентен период	Препознавање на стресори	IX одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	ноември	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје
Емоции	Запознавање со емоциите	V одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	декември	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје
Мотивација	Скала на прокрастинација	VI и VII одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	декември-јануари	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје
Самодоверба, социјални мрежи и слика за себе	Градење позитивна слика за себе	VI – VIII одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	февруари-април	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје
Возбуда и Анксиозност, Тага и Депресија	Препознавање на видови емоции	IX одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	февруари	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје
Грижа за себе и грижа за другиот во криза	Грижа за сопствената добросостојбата и добросостојбата на другите	VIII одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	Март	Прирачник за врсничка едукација

						за ментално здравје
Целосна интелигенција	Когнитивен развој	IV одделение	Психолог	ООУ „Кирил и Методиј“ - Стајковци	мај	Прирачник за врсничка едукација за ментално здравје

ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНО ОСИПАНИ УЧЕНИЦИ ИЛИ УЧЕНИЦИ ПОВРАТНИЦИ ОД СТРАНСТВО

Конкретна цел	Активности	Вклучени субјекти	Инструменти	Временска рамка	Очекувани резултати
Информирање за причните за повторно запишување на ученикот	Разговор со родителите разговор, со учениците консултации, извештаи и нострификации од МОН, преведници, друга документација и информаци од претходното школување на ученикот	стручни соработници родители ученици стручни лица од други институции директор	Записник	Период на повторен упис	Анализа на прибрани податоци Проценка на капацитетите на ученикот за успешно прилагодување во паралелкатата
Избор на паралелка во која ќе се вклучи ученикот	Разговор со одделенскиот раководител, подготвување на учениците во паралелката з новиот ученик. Вклучување на ученикот во паралелкта	стручни соработници родители наставници одделенски раковдители стручни лица од други институции директор	Интервју со ученик	Период на повторен упис	Вклучување на ученикт во воспито образовниот проце во паралелката
Давање насоки и информации на наставниците за успешно вклучување на ученикот во наставата	Континуирана соработка со сите наставници и примена на соодветни методи за прилагодување на ученикот на наставниот процес Информирање на родителите за текот на поцесот на адаптација	Стручни соработници ученици родители наставници одд.раковдители стручни лица од др.институции директор	континуирано следење на неговото адаптирање во паралелктаа информации од одделенскиот раководител и настваиците кои предаваат во паралелката,	континуирано до надминување на проблемот во текот на учебната година	Успешно адаптиран ученик во наставниот процеси во согласно со неговиот најдобар интерес, а со цел максимално расвивање на неговите способности и капацитети Континуирана соработка со родителите

ПЛАН ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ЕМОЦИОНАЛНИ ПРОБЛЕМИ

Активност	Време за реализација	Ресурси	Соработници/ вклученост
Изготвување прашалник за идентификација на учениците со емоционални потешкотии	Октомври	Прашалник и друга помошна литература	Наставници, психолог
Евидентирање на учениците кои манифестираат емоционални потешкотии	Континуриано	Список на ученици со возраст	Наставници, психоло
Примена на психолошки инструменти	По потреба	Его опис (кој сум јас и кој сака да бидам) користење на проективни техники	Психолог
Советодавни разговори со ученици кои манифестираат емоционални проблеми	Според потребите во текот на целата учебна година	Евидентни листови за разговор со ученици и дневник за разговорсо ученици	Психолог
Средби и советодавни разговори со родители наученици кои манифестираат емоционални проблеми	Според потребите во текот на целата учебна година	Евидентни листови за разговор со родители и дневник за раговор со родители -дукатвни предавања на совет на родители	Психолог
Препореки за родителите на ученици кои имаат емоционални проблеми	По потреба	Брошури, совети	Психолог
Препораки за наставниците за работа со овие ученици	Во текот на целата учебн а година	Документи	Психолог

ПОЛИТИКА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО

Превентивни активности	Време на реализација	Извршители
Формирање на училишниот Тим за превенција од насилство	Август	Директор Наставнички совет
На Наставнички совет Запознавање со политиката за намалување на насилството и со задолженијата на наставниците	Август	Тимот за превенција од насилство
Совет на родители Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област	Септември	Тимот за превенција од насилство
Родителски состаноци Запознавање со политиката за намалување на	Септември	Одделенските раководители Претставникот од Советот на родители

насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област, запознавање со правилата на однесување во училиштето		
Стручно усовршување на наставниците Што е насилство? Како да се постапува во случај на насилство меѓу учениците?	Октомври - Ноември	Тимот за превенција од насилство
Родителски состаноци Што е насилство?	Тековно	Тимот за превенција од насилство
Часови на одделенската заедница Изработка на правила на однесување вопаралелката Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето	Септември Тековно	Одделенски раководители
Интервентни мерки на Тим за превенција на насилството Превземање на мерки и активности за моментално запирање на насилството Стручни предавања од страна на релевантни институции	Тековно	Одделенските раководители Тимот за заштита учениците од насилство Релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) Тимот за заштита учениците од насилство, релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа)

ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Цели на проектот
Ученикот/ученичката:

- Да се запозна е со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност
- Да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“
- Да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата
- Да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата
- Да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството
- Да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција и механизмите преку кои таа делува
- Да анализира како и каде може да се појави корупцијата и некој начин може да се спречи истата
- Да се стави во ситуација во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација

- Да се стави во улога на активен граѓанин кој ќе придонесе за развојот на демократско општество

Родителите:

- Да бидат запознаени со учеството на учениците во проектот

Планирани активности

Во училиштето ќе бидат спроведени повеќе активности како дел од проектот

- Спроведувањена анкетен прашалник преку кој ќе се проверат-утврдат предзнаењата на учениците за поимот корупција, облиците во кои се појавува корупцијата, начините за заштита од корупцијата и институцијата која се бори против корупцијата
- Запознавање на учениците сотерминоткорупција, механизмите за заштита и улогата на ДКСК за спречување на корупцијата
- Запознавање на родителите со целите и реализацијата на активностите кои ќе се преземат во училиштето како дел од проектот

Содржина	Цели на програмата	Вид на активност	Конкретна активност	Временска рамка
Презентација на програмата за антикорупциска едукација на учениците; Предзнаења за корупција и антикорупција	Да се согледаат предзнаењата на учениците	Прашалник за учениците	Прашалник за учениците	октомври 2025
Причини и последици од корупцијата	Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност, да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството	Работилница „Линија на животот“	Говорна активност, дискусија, кусо предавање	октомври 2025
Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност, да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството; да ги препознаат механизмите за спречување на корупција; да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција и механизмите преку кои таа делува	Предавање и вежби Текст осумнасочник	Предавање pptx презентација дискусија крстозбор	ноември 2025
Активна борба против корупцијата	Да се запознаат со терминот „одолевање на социјален притисок“; Да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; Да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата; Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството	Работилница Барометар	Говорна активност Дискусија Кусо предавање	ноември 2025
Активна борба против корупцијата: постери	Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; да се	Работилница	Креативни творби	декември

	стават во ситуација во која ќе имаат активна улога преку која ќе го разберат процесот на антикорупција и потребата од едукација за истата; да се стават во улога на активни граѓанинкои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество	Изработка на постери-плакат како информативен материјал		2025
Активна борба против корупцијата	Да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога преку која ќе го разберат процесот на антикорупција и потребата од едукација за истата	Творење и изложување на ликовни и литературни творби на тема (анти) корупција	Креативни творби	февруари 2026
Стручно предавање: Улогата на корупцијата во пропаѓањето на Османлиската Империја	Да го воочат одблиску на конкретен пример штетното влијание на коруптивните процеси во секое општество	Грозд за најважните поенти од предавањето	Предавање Дискусија Изведување заклучок	март 2026
Активна борба против корупцијата	Развивање на критички став кон корупцијата	Стоп за корупцијата	Дебата	април 2026
Активна борба против корупцијата	Поттикнување на учениците да развијат критички став кон корупцијата како штетна појава во општеството која ја поткопува и руши демократијата и создава нееднаквост	Изведба на драмски текст: Стоп за корупцијата	Изведба на драма	мај 2026
Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата	Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали, што и колку научиле од проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“	Прашалник за учениците и активности за повторувани	Прашалник за учениците Разговор Широка дискусија	мај 2026

ПРОГРАМА ЗА БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ

Учениците се запознаваат со болестите на зависност и превенција од истите на часовите по животни вештини како и на часовите по соодветни предмети и содржини.

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	За кого се реализира	Очекувани ефекти
Болести на зависности, Пубертет и промените во него	Во текот на целата учебна година	Претставник од здравствена установа	Предметна настава	Заштитаипревенција
Недела на борба против пушење, алкохол и дрога и заштита од нив	Ноември	Стручно лице	Предметна настава	Мерки за заштита и превенција од болестите на зависност
Недела на борба против сидата	Декември	Одделенски раководител, стручни соработници	8и 9одделение	Заштита од сида

ПРИЛОГ 29: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО

Во училиштето се спроведува интерно оценувањена учениците, кое се врши според критериуми и стандарди за оценување утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

План за следење и анализа на состојбите со оценувањето

				Временска рамка (месец)												Следење
Задача	**Активност**	**9**	**10**	**11**	**12**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**
Воспоставување систем за следење и анализа на состојбите со оценувањето	Формирање тим за оценување													Директор, стручни соработници, наставници	Закон за основно образование Сертифицирани наставници	Стандарди и критериуми за оценување Чек листа	Усогласеност на оценувањето на ниво на училиште според стандарди и критериуми	Тим за оценување
Изготвување приоцедури и инструменти за следење на оценувањето	Поделба во тимови Делегирање задачи Изготвување инструменти Планирање на подрдршката и следењето Работилници отворени часови													Тим за оценување	Закони, Правилници Стандарди Стручна литература	Процедури, протоколи и инструменти	Стандардизирано планирање, реализирање и следење на оценувањето (формативно и сумативно)	Директор
Следење на состојбата со оценувањето и поддршка на наставниците	Посета на часови, Увид во планирањата Споделување добри практики													Директор, стручни соработници	Планирања, извешти, инструменти за оценување, протоколи за следење на учениците, Наставничко портфолио ученичко портфолио,	Чек листа Повратна информација	Излегување во пресрет на потребите на наставниците за објективно оценување на учениците	Тим за планирање, следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници

														дневник, евидентни листи			
Анализа на состојбата со оценувањето	Анализа на извештаи и планирања												Тим за оценување	ученичко портфолио, дневник, евидентни листи	евидентни листи за постигања, стандарди и критериуми за оценување, формулари	Усогласеност на оценувањето на ниво на училиште според стандарди и критериуми	Тим за планирање, следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници

Оценувањето на учениците се одвива континуирано, во текот на целата учебна година, со следење и анализи на состојбите во четири класификациони периоди.

ПРИЛОГ 30: ПЛАН ЗА СТРУЧНИ ПОСЕТИ И ВРЕДНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Активности	Носител на активноста	Ресурси	Инструменти	Временска рамка	Очекувани резултати
Креирање политика за поддршка за планирањето за посета на часови	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Распоред на часови Извештај од посетени часови	Прашалник за наставниците	Август	Увид во реализацијата на наставата
Следење на планирањата на наставниците и стручните соработници	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Годишна програма на наставниците	Инструмент за евалуација на годишните програми	Септември	Поквалитетни изработени годишни програми
Следење на квалитетот на наставата преку посета на часови	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Следење на дневните планирања на наставниците	Инструмент за евалуација на часовите	Во текот на учебната година	Поквалитетна реализација на часовите Користење на современи методи и техники,вонаставата
Евалуација	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници;	Извештаи, анализи и информации	Обработка на податоците од увид на часовите	Јуни	Поефикасна наставата

ПРИЛОГ 31: ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Цели	Активности	Инструменти	Реализатори и време
Определување на задачи и рокови за реализиација	-планирање на активности по подрачја -оформување на план за Самоевалуација на училиштето	-Прирачник за Самоевалуација на училиштето (ДПИ) -План за Самоевалуација на училиштето	Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Изработка на критериуми за успешност по подрачја	-определување на критериуми на успешност -определување на потребни инструменти за анализа на подрачјата	- критериуми од Прирачник за Самоевалуација на училиштето (ДПИ) -интерно критериуми на успешност -критериуми за успешност на реализација на ПЛРУ	Наставници, ученици, родители Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Изработка на инструменти по подрачја	-изработка на инструменти за Самоевалуација на училиштето по подрачја за сите училишни структури	-анкети за ученици, наставници, родители планови, извештаи, педагошка документација, записници од работа на органи и тела; -правилници на ОУ, записници од советувања на родители, професионални портфолија-професионални досиеја, ученички досиеа, паноа, финансиски планови и извештаи	Наставници, ученици, родители Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Реализација на Самоевалуација на училиштето по подрачја	-анализа на документи -анкета на ученици, наставници, родители	-анализа на резултати од анкети по подрачја -заклучоци од анализа на документи по подрачја	Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година
Разгледување на Самоевалуација на училиштето	-разгледување, измени и дополнување на Самоевалуација на училиштетопо подрачја	-презентација на Самоевалуација на училиштетопред Наставнички совет, Совет на родители, Ученичка заедница, Училишен одбор,	Комисија за Самоевалуација на училиштето во текот на учебната година Наставнички Совет, Совет на Родители, Ученичка Заедница, Училишен Одбор
Усвојување на Самоевалуација на училиштето	-усвојување на Самоевалуација на училиштето од органи и тела во ОУ -применана Самоевалуација на училиштетово пракса	-усвојување на Самоевалуација на училиштето -имплементација на приоритети по подрачја во Годишната програма, акциски програми -реализација на приоритети, -евалуација на активности	Комисија за Самоевалуација на училиштето доставување извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот, јуни 2026

ПРИЛОГ 32: ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Цел:

Обезбедување безбедна и сигурна средина за учениците, вработените и посетителите преку систематско планирање, превенција и превземање на соодветни мерки.

Конкретни цели:

Учениците и вработените, преку реализираните активности за обучување за самозаштита, треба да стекнат знаења, вештини и ставови поврзани со следниве подрачја и содржини:
- препознавање и разбирање на основните поими и видови на природни, техничко - технолошки и други опасности;
- препознавање на причините, карактеристиките и можните последици од различни ризични настани;
- примена на превентивни и оперативни мерки за лична и колективна заштита и спасување;
- запознавање со средствата и опремата што се користи при заштита и спасување;
- развивање на способности за соодветно реагирање преку учество во практични активности, симулации и вежби за постапување во ризични ситуации.

Чекори за имплементација

Наставните теми за обучувањето за самозаштита се интегрираат во одделни наставни програми по задолжителните предмети, а може да се реализираат и како изборни програми или преку воннаставни активности. Училиштето, во рамките на својата Годишна програма за работа, планира реализација на содржини за обучување за самозаштита, вклучувајќи практични активности, вежби и симулации. Во согласност со возраста на учениците, од најмалку 12 наставни часови, а најмногу 18 наставни часови во текот на учебната година.

Освен активностите во рамки на наставата и воннаставните активности, училиштето превзема и други активности во кои се вклучени вработените, со цел обезбедување безбедна и сигурна средина.

Опис на активноста	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители на активноста**	**Ресурси/материјали**	Одговорни лица
Анализа на потреби за обука	Истражување, анкети, консултации	јули	Директор стручна служба	Анкети, Прашалници	Директор
Процена на постоечките безбедносни услови и идентификувајте потенцијални ризици.	Формирање работна група за безбедност и идентификација за состојбата	август	Тим за безбедност	/	Директор
Изработка на план и програма за обука	Состанок со тим, креирање наставна програма	август	Тим за обука	План за обука, материјали	Директор

Ревидирање на постоечките планови и шематски прикази за евакуација	Состанок, барање овластени институции за изработка на плановите	септември	Тим за безбедност	Планови, шеми	Директор
Превентива и психо-социјална помош при елементарни непогоди и епидемии, пандемии	Вежби, дискусии, работилници	Преку целата Учебна година	Тимот на Црвениот крст на училиштето, психолог на училиштето	Соодветни работилници, вежби и дискусии	Тим за безбедност, деиректор
Запознавање на вработените и учениците со целите	Предавања, презентации Информативна сесија	септември	Тим за безбедност	презентација	Директор
Обучување за прва помош	Основни техники за преземање прва помош	септември	наставници и стручни соработници (5 лица)	обука	Црвен крст
Обука за ракување со ПП апарати	практична обука	октомври	Стручни лица	ПП апарати	Тим за безбедност
Информативна сесија: „Што се елементарни непогоди?“	Основно запознавање на учениците со видови на непогоди и итни состојби.	октомври	наставници од I до III одд.	презентации, практични вежби	Тим за безбедност
Симулирана вежба за евакуација од земјотрес (13 октомври - Меѓународен ден за намалување на ризик од катастрофи)	Практични вежби со ученици и вработени (Стајковци и Страчинци)	октомври	стручни лица (Црвен крст)	Опрема за вежби, простор	Тим за безбедност Директор
Работилници по одделенија: „Како се однесуваме при пожар?“	Преку игри, цртежи и приказни – учење на постапки при пожар	во текот на првото полугодие	наставници	цртежи, игри, приказни	Тим за безбедност
Училишен натпревар во Прва помош и заштита	Квиз прашања	октомври	тим за безбедност	презентација	Директор
Креативен конкурс: постери, цртежи, песни – „Безбедно училиште“	Конкурс	ноември	ученици од 1 до 9 одделение	цртежи и песни	Тим за безбедност
Предавање со претставници од ЦУК / пожарна / Црвен крст	Практични совети и демонстрации со стручни лица, Дискусии	декември	стручен тим од ЦУК или Црвен крст	Анкети, записници	Тим за безбедност
Изработка на семеен план за итна евакуација	План како би се евакуирале при непогода	февруари	ученици од 6 до 9 одделение	Конкретен план	Тим за безбедност
Презентација: „Поплави и прва помош“	Учениците учат како да се заштитат и кому да се обратат во итни случаи.	во текот на целата учебна година	Тим за обука	Материјали подготвени од наставниците	Тим за безбедност

ПРИЛОГ 33: РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ

Распоред за дежурни наставници

ООУ „Кирил и Методиј", Стајковци

ПРЕДМЕТНИ НАСТАВНИЦИ	
ПОНЕДЕЛНИК	Јасмина Јездиќ Габриела Јорданов Радица Цветковска П.
ВТОРНИК	Вања Спирковска Биљана Арсова Маја Медарска
СРЕДА	Марина Димоска Валентина Николовска Дарко Костовски
ЧЕТВРТОК	Десанка Ѓорѓиевска Александар Тасевски Ели Чочова
ПЕТОК	Огнен Симиќ Маја Цекова Елена Блажевска

ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ	
ПОНЕДЕЛНИК	Адријана Сандева Верица М. Кировска Јасмина Анакиоска
ВТОРНИК	Јасмина Анѓеловска Ивона Додевска Билјана Оливеровска
СРЕДА	Весна Величковска Александра Накева Филип Мојсовски
ЧЕТВРТОК	Марија Димитрова Емилија Трајкова Габриела Андовска
ПЕТОК	Габриела Постоловска Јасмина Милошевски Марко Костов

Распоред за дежурства
ПОУ„Кирил и Методиј", Страчинци

ПРЕДМЕТНИ НАСТАВНИЦИ	
ПОНЕДЕЛНИК	Сабир Ајрула Анета Кузмановска
ВТОРНИК	Предметен наставник по историја и географија Валбон Беџети
СРЕДА	Предметен наставник по албански јазик Предметен наставник по англиски јазик
ЧЕТВРТОК	Теута В. Хаскај Предметен наставник по информатика
ПЕТОК	Ќамуаран Саќупи Предметен наставник по ликовно образование

ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ	
ПОНЕДЕЛНИК	**Рејхане Мемети**
ВТОРНИК	**Северџан Касами**
СРЕДА	**Музафера Шабани**
ЧЕТВРТОК	**Одделенски наставник во IV одделение**
ПЕТОК	**Тасим Фазли**

ПРИЛОГ 34: ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Уредување на холот на училиштето - Подготовки за почеток на новата учебна година и приемот на првачиња	-Естетско и функционално уредување на училиштето -Поттик и позитивна атмосфера при приемот на првачиња	Септември	Тим за естетско уредување - Одделенски наставници од I до V одд. Тим за МИО активности Тим за ЕКО активности - Одговорни наставници за проектите	- хамери, листови во боја, принтер, ножици, лепило и други материјали	-придонесување за естетското и функционалното уредување на училиштето -поттик и позитивна атмосфера кај првачињата	Стручна служба и директор
Есенско уредување на училниците и училишните ходници	- Грижа и придонес за естетското и функционалното уредување на училниците и училишните ходници	Октомври	Тим за естетско уредување - Одделенски наставници од I до V одделение. ученици од 1-во до 5-то одд. ученици од 6-то до 9-то одд. -Хаус мајстор	- хамер, хартија во боја, ножици, лепило и други материјали	- грижа и естетското и функционалното уредување на училниците и училишните ходници	Стручна служба и директор
Промовирање на училиштето - естетско уредување на училиштето по повод Отворениот ден на граѓанското образование	-Зајакнување на демократските капацитети во училиштето, промовирање на граѓанските вредности, промовирање на проектите во училиштето	Октомври	Наставник по граѓанско образование Тим за естетско уредување ученици од 6-то до 9-то одд. родители Хаус мајстор	-паноа, хамери, хартија, хартија во боја, лепило, ножици, фломастери, темперни бои, флаери, постери, зацврстувачи	-Зајакнати демократските капацитети во училиштето, промовирани граѓанските вредности, промовирани проектите во училиштето	Стручна служба и директор
Новогодишно уредување на училниците и училишните холови	- Да развиваат на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето - Поттикнување на учениците за	Декември	Тим за естетско уредување Одделенски наставници од I до V одделение. ученици од 1-во до 5-то одд. ученици од 6-то до 9-то одд. Хаус мајстор	- хамери, хартија во боја, светкава хартија, креп хартија, ножици, лепак, стиропор, маркери во боја, боја за стакло, темперни бои	- развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето	Стручна служба и директор

	целосно уредување на училишниот простор					
Пролетно уредување на училниците и	- учениците да развиваат одговорен однос кон уредувањето	Март	Тим за естетско уредување Одделенски наставници од I	- хамер, хартија во боја, хартија, лепак и други материјали	- развиват одговорен однос кон уредувањето и	Стручна служба и директор

ПРИЛОГ 35: ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР

Со овој правилник се утврдуваат основните правила на однесување на вработените, учениците, родителите и други лица. Со почитување на правилата се обезбедува успешно одвивање на воспитно - образовната работа; подобрување на работната дисциплина и безбедност во училиштето и заштита на училишниот имот. Во прилог се и кодексите на однесување и Куќниот ред.

Однесување на наставниците	❖**Однос кон работното место, работата** член 1 Наставникот е пристојно облечен и уреден. член 2 Навремено доаѓа на работното место. член 3 Навремено започнува со наставниот час. член 4 Со своето однесување, начин на комуникација и културен однос во секоја ситуација наставникот е позитивен пример за учениците кои ги образува и воспитува. член 5 Наставникот со учениците, нивните родители, колегите, вработените во училиштето се однесува коректно и користи културна терминологија. член 6 Наставникот е одговорен за работната атмосфера, дисциплината и безбедноста на учениците на часот. член 7 Наставниците за време на часовите не треба да користат мобилен телефон. член 8 Постојано стручно се усовршува и сознанијата стекнати на тој начин ги применува во секојдневната воспитно-образовна работа. член 9 Наставникот има целосен увид за случувањата во училницата каде реализира наставен час-отсутни ученици, хигиена, состојба со инвентар, учебници. член 10 Наставниците се должни редовно и активно да се вклучуваат во работата на Стручните органи на училиштето. член 11 За секое отсуство од работа или предвремено заминување, треба да биде известен директорот. член 12

	Секој училишен проблем треба да го решаваат навремено, конструктивно, постапно (наставник - ученик, наставник - ученик -одделенски раководител, наставник - ученик - родител, наставник - ученик - стручна служба). член 13 Одделенскиот раководител е должен да биде во постојана комуникација со родителот, навремено и конкретно да го информира, да бара ангажман и соработка во решавање на проблемите. член 14 Педагошката евиденција и документација да ја води уредно, педантно и без корекции. **❖Однос кон учениците** член 15 Не е дозволено наставникот да отстранува ученици од часот. член 16 Наставникот има обврска да го прими на час ученикот кој доцни и истото да го евидентира. член 17 Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот. член 18 Рационално изрекува и предлага педагошки мерки за учениците од паралелката.
Однесување на учениците	член 1 Секој ученик за време на престојот во училиштето треба да се однесува културно и да биде пристојно облечен. член 2 За време на часовите, учениците се должни мобилните телефони да ги исклучат. член 3 Ученикот е должен да влезе во училницата пред наставникот. член 4 Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план. член 5 Излегувањето односно влегувањето во училиштето и училницата, движењето по ходници се одвива дисциплинирано и во најдобар ред. член 6 Ученикот не може да го напушти часот без дозвола на наставникот кој го води тој час. член 7 За секое отсуство од часовите ученикот е должен навреме да го извести одделенскиот раководител (или предметниот наставник, стручната служба, директорот). член 8 Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето. член 9

	Ученикот е должен совесно да работи на усвојувањето на знаењата, вештините и вредностите пропишани со училишната програма и согласно тоа да не пречи во изведувањето на наставата член 10 За време на наставата не смее да се нарушува редот и тишината во училишната зграда и во училишниот двор. член 11 Ученикот, односно родителот или старателот, одговара за материјалната штета што ќе ја направи ученикот во училиштето, намерно или од крајно невнимание (неодговорно однесување). член 12 Ученикот треба да се воздржува од употреба на навредливи зборови, поттикнување и учество во тепачки. член 13 Ученикот треба да се грижи за училишниот инвентар во училницата и училишниот двор. член 14 Учениците е должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина. член 15 По завршување на училишните активности и обврски ученикот треба мирно да замине од училиштето и училишниот двор. член 16 За учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат мерки што се утврдени со Законот за основно образование член 17 Учениците се пофалуваат и наградуваат на начин утврден со Законот за основно образование (чл. 64) член 18 Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност. член 19 Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето. член 20 Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.
Однесување на родителите	член 1 Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето. член 2 Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице. член 3 Треба да се однесуваат културно и коректно кон учениците и вработените во училиштето. член 4

	Родителите треба редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на своето дете. член 5 Родителите треба да соработуваат со одделенскиот раководител и предметните наставници и редовно да доаѓаат на родителските средби. член 6 Родителите треба училишните проблеми да ги решаваат низ директна и конструктивна комуникација исклучиво со одделенскиот раководител, наставниците, стручната служба, директорот. член 7 Доаѓањето на родителите во училиштето е регулирано со планот за родителски средби. Во текот на учебната година планирани се минимум 4 општи родителски средби, а по потреба и повеќе. Индивидуалните средби на наставниците со родителите ќе се одвиваат согласно распоредот за приемни денови на наставниците и по потреба. Групните средби се реализираат по потреба. член 8 Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето. член 9 Родителите се должни навремено да ги најавуваат и оправдуваат отсуствата на своето дете. член 10 Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата. член 11 Секоја намерно направена штета од страна на ученикот, родителот е должен да ја надомести. член 12 Не е дозволено родителите да се расправаат со соучениците на своето дете.

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СТАЈКОВЦИ

- Учениците редовно и навреме да доаѓаат во училиште и да не доцнат на часовите;
- Учениците се должни редовно да носат училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Учениците за време на часовите треба внимателно да слушаат и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- Да бидат дисциплинирани и да придонесат за одржување на работната атмосфера;
- Во училиштето учениците треба да носат соодветна облека и да бидат уредни.
- Учениците треба да се однесуваат пристојно, да бидат совесни, одговорни, со почитување кон сите;
- Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност;
- Да помагаат на помалку успешните ученици;
- Учениците не смеат самоволно и без вистинска причина да го напушти часот, без дозвола на предметниот наставник или одделенскиот раководител;

- Не смеат да предизвикуваат тепачки и други нереди во училиштето и надвор од него;
- Учениците треба да соработуваат со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за врема на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- Учениците не треба на часовите да џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- Учениците се должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина;
- Учениците да ги негуваат цвеќињата во училниците и ходниците и дрвјата во училишниот двор;
- Учениците да го отпоздравуваат наставникот кога ќе влезе во училница;
- За време на часот учениците да не излегуваат во тоалет;
- Учениците да не викаат по ходниците, да не трчаат и да се придржуваат кон правилата на однесување;
- Учениците се должни да се грижат за училишниот простор и имот - да не го уништува училишниот инвентар, компјутерите и нагледните средства изработени од ученици;
- Да не ги кршат прозорците и друго стакло во училиштето;
- Да не ги фрлаат отпадоците насекаде во училницата и училиштето, туку во корпа за отпадоци;
- Да не цртаат по клупите, ѕидовите и на други места;
- Учениците треба да влезат во училницата пред почетокот на часот;
- Да нема навредување и насилно однесување кон помалите и послабите ученици;
- Не смеат да се вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Не смееат да го прекинува наставникот кога зборува;
- Учениците да им се обраќаат со ВИЕ на возрасните и да поздравуваат;
- Учениците да користат учтиви зборови во секојдневната комуникација;
- Учениците да ги почитуваат правилата на однесување кои ги договориле со наставникот;
- Учениците не смеат да носат несоодветни предмети со кои би можеле да ги повредат другите ученици;
- Ученикот смее да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- Ученикот треба да биде самокритичен, па потоа да критикува;
- Да ги чуваат своите предмети и да не посегнуваат по туѓите;
- Да не ги потценуваат способностите на своите соученици;
- Учениците имаат обврска да слушаат внимателно и да го почитуваат мислењето на другите;
- Ако не се однесусваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
- Ученикот со своето примерно однесување ќе покаже почит и кон своите родители;
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот.

К О Д Е К С НА ОБЛЕКУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- Во училиштето учениците треба да носат училишни униформи;
- Носењето на училишната униформа има за цел да даде впечаток на примерност на сите ученици;
- Училишната униформа обезбедува чувство на единство и еднаквост во училишната средина;
- На часот по физичко и здравствено образование учениците задолжително носат соодветна спортска опрема и чисти спортски обувки;
- Не е дозволено носење на трендовски искинати фармерки и облека која содржи обележја, натписи и сл. кои би ги навредувале чувствата на другите во однос на етничката, верската, половата или пак друга припадност;
- Не е дозволено носење на скапоцен накит;
- Не е дозволена шминка на учениците и неуредни и предолги нокти;
- Секој ученик има обврска облеката да ја одржува уредна и чиста;
- Во случај на екстремен пад на температурите или премногу високи температури, во договор со директорот на училиштето се дозволува промена во кодексот на облекување, но сепак во рамките на пристојна облека;
- Се очекува од учениците да поведат лична одговорност во врска со кодексот на облекување и однесување;
- Кога ученикот повеќе пати не се придржува до кодексот на облекување, класниот раководител ќе преземе соодветна педагошка мерка;
- Исклучоци може да бидат прифатени во одредени случаи поради здравствени проблеми или по претходен договор со класниот раководител;
- Овој кодекс на облекување може да биде променет и прилагоден во согласност со потребите на учениците;
- Кодексот на однесување е прифатен од страна на Наставничкиот совет на училиштето.

ПРОТОКОЛ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

1. Се забранува користење мобилен телефон во училиштето и училишните простории;
2. Ученикот може да го користи мобилниот телефон само со претходна дозвола од наставникот само за потребите на наставата;
3. Доколку ученикот користи мобилен телефон без дозвола, наставникот е должен да го одземе од ученикот и да го предаде кај стручните соработници;
4. Одземениот мобилен телефон се запишува од страна на наставникот во евиденција за одземен телефон;
5. Мобилниот телефон се враќа на родител/старател по предходно обавен информативен разговор;
6. Се забранува користење користење на мобилни телефони од страна на наставниците и останатите вработени, односно се ограничува употребата само во насока на реализација на наставата и во исклучителни ситуации зарадидостапност и комуникација.

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СТАЈКОВЦИ

- Наставникот треба да се грижи за целиот училиштен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет;
- Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот;
- Наставникот да ги евидентира отсутните ученици на почеток на часот и тоа да го прави редовно;
- Наставикот секогаш и секаде внимава на својот говор, тој треба да е литературен, јасен и достапен;
- Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога;
- Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење насовремена технологија;
- Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик;
- Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот;
- Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- Наставникот треба да го пофалува секој напредок на ученикот;
- Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички;
- Наставникот е должен редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- Наставникот треба да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- Наставникот треба редовно да присуствува во работата на Одделенскиот и Наставничкиот совет во училиштето;
- Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет;
- Наставникот треба да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;
- Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со учениците и другите вработени;

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СТАЈКОВЦИ

- Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;
- Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;

- Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;
- Техничкиот персонал да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;
- Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;
- Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;
- Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;
- При работата вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на комфликт;
- Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;
- Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во сличаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден;
- Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во термините за прием одредени од самиот вработен;
- Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура треба да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СТАЈКОВЦИ

- Почитувајте го куќниот ред на училиштето;
- Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете;
- Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски, оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето;
- Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете;
- Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека;
- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез на училиштето и се забранува нивно влегување во училиштето, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби;
- Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето;
- Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице;
- Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето;

- Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата;
- Родителите/старатели по завршување на часовите учениците ги превземаат од наставникот од означениот излез;
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку задолжителни родителски состаноци, приемни денови, индивидуални разговори.

Кодексот на задолжителните, морални и професионални норми ги одредува правилата на нашето училиште што се однесуваат на наставниците, учениците, стручните служби, персоналот и родителите.

За непочитување на одредбите од овој Кодекс следуваат педагошки мерки според утврдени критериуми. За направена материјална штета следува паричен надомест и соодветна воспитна мерка.

КУЌЕН РЕД

- Наставничката канцеларија ја користат само наставниците, а не и родители и ученици;
- Одговорни за училишниот инвентар се дежурните ученици, одделенските заедници и одделенските и предметните наставници;
- Одговорни за фискултурната сала, соблекувалните и просторот пред салата се дежурните ученици и наставниците по физичко и здравствено образование, како и правните објекти кои го изнајмуваат просторот;
- Движењето по ходниците треба да биде без трчање, скокање и туркање;
- Учениците треба своите лични работи да ги остваат во училница или да ги носат со себе и тиа се одговорни за истите;
- Секоја намерно направена штета се наплатува;
- Строго е забрането шкртање по ѕидовите, во било кој дел на училиштето;
- Никој од субјектите во училиштето не смее да го уништува имотот во училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со кои би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците и вработените;
- Забрането е пушење во училиштето и училишниот двор;
- Дежурните наставници редовно го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот даден од стручната служба и директорот;
- За време на часовите во ходниците дежураат двајца ученици, на местата определени за тоа;
- За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот;
- Секој вработен е должен за своето отсуство да го извести директорот;
- Промена на дневниот распоред на часови поради отсуство на наставник, прави одговорниот наставник за изготвување распоред во соработка со директорот;
- Претседателот на паралелката е должен да се информира кај стручната служба за замена на часот;

- Родителите ќе се примаат само во одредени термини за приемен ден кај одделенските и предметните наставници, а кај стручната служба според условите и потребите;
- Не е дозволено наставниците да излегуваат од час и да разговараат со родителите;
- Наставниците треба да ги известат учениците за термините за одржување на додатна и дополнителна настава и за слободни ученички активности;
- Вработените, учениците и родителите во училиштето треба да доаѓаат пристојно облечени;

Сите субјекти наведени во претходната точка мора да го почитуваат куќниот ред во училиштето!

ПРИЛОГ 36: ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
II. Поучување и учење - планирање и подготовка на наставата Знаење за инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост	-Обука за инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/ попреченост -Соработка со инклузивен тим -Подготовка на ИОП -Диференцијација на планирањата -Отворени часови -Евалуација	Август 2025-Јули 2026	БРО, Специјален едукатор и рехабилитатор Наставници	Компјутер Проектор Презентација Материјали	Подобрени компетенции за -реализација на современа настава преку практична примена на знаењата за поучување на ученици со попреченост -изработување и применување на ИОП -диференцирани наставни материјали, подобрена инклузија	Училиштен инклузивен тим
III-А.2 Знае за потенцијалите и можностите на различни средства за учење вклучувајќи ИКТ	-Дисеминација од Еразмус проект -Споделени примери на добра пракса, интернационална соработка, учење преку проекти, јазични икт и други вештини	Август 2025	Еразмус тим	Компјутер Проектор Презентација ИКТ алатки	-Обезбедува користење на разни извори, материјали и средства во процесот на учење -Безбедна и ефективна употреба на ИКТ во наставата -Размена на иновативни практики меѓу наставниците	Еразмус тим

					-Зголемен интерес кај учениците за интеркултурно и интердисциплинарно учење.	
VI-А.5 Ги дополнува и надградува знаењата и вештините со континуирана едукација	-Подготовка на личен план за развој -Учество на обуки, семинари, работилници -Дисеминација -Соработка на ниво на активи -Отворени часови -Самоевалуација и рефлексија	Август 2025-Јули 2026	Сите вработени	Прирачник Стручна литература ИКТ алатки и платформи Хоризонтално учење	-Континуиран професионален развој -Ја унапредува својата работа користејќи стекнати знаења (формално, неформално,информално усовршување) -Прави корелација со други наставни предмети	Тим за професиона лен развој
I-А.1 Знае за важноста и начелата за професионална и кариерна ориентација на учениците	Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој -Поддршка на учениците -Советување и информирање за можности -Прашалници, разговори	Во текот на учебната година	БРО	Презентација Печатени и дигитални материјали Прашалници ИКТ	Избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на учениците -Подобрена претстава за сопствените интереси и потенцијали -Информираност за понатамошно образование и професии	Тим за професиона лен развој
I-А.4 Познава методи и техники за работа со ученици и нивно успешно советување за учење	Поддршка на учениците во учењето	Во текот на учебната година	Еразмус проект	Презентација	I-Б. 4.1. користи различни пристапи и им помага на учениците во учењето во согласност со нивните потреби;	Тим за професиона лен развој

ПРИЛОГ 37: ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Цел на програмата:
Да се зајакне соработката меѓу училиштето и родителите/старателите преку редовна комуникација, вклучување во воспитно-образовниот процес и создавање поддржувачка и безбедна средина за учениците.

Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности.
Родителите имаат право системски да добиваат информации за работата и животот во образованието каде што се вклучени нивните деца, да се запознаат со постигањата, успехот во наставата и другите активности, со проблемите, условите за работа, да учествуваат во реализација на одделни содржини и сл. Основна причина за активната партиципација на родителите во училиштето е верувањето дека сето тоа е корисно и има позитивни ефекти, односно овозможува ученикот да учи повеќе и да постигне подобри резултати. Семејството како средина на ученикот потребно е да обезбеди добри услови на социјален и психолошки развој на детето, додека училиштето како единствен посредник на контакт со семејството потребно е да обезбеди долготрајна, ефективна партиципација.
Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите - разбирање за тоа како семејството влијае на когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, на умешноста да се идентификуваат потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и на вештините за соодветно комуницирање давање поддршка на семејството; знаењата и вештините за примена на соодветни форми и методи за ефективно советување на родителите
Едукација на родителите - на знаењата и вештините за идентификација на потребите на родителите за едукација и едукација на родителитеповрзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето;
Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето - на знаењата и вештините за вклучување на родителите во одделни сегменти од воспитно - образовниот процес; преземање превентивни мерки за спречување на негативното влијание на средината врз младите и надминување на изразените тешкотии.

ЕДУКАЦИЈА НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Активности	Извршители	Време
Информирање на родителите за меѓусебните права и обврски на родителите, учениците кон училиштето: Обврски што произлегуваат од законските прописи на основното образование и воспитание; Посебни права, обврски и одговорности на учениците, нивните родители и училиштето Запознавање со годишната програма на училиштето	директор, психолог, педагог, наставници	Септември
Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето. Родители како донатори	родители, наставници, педагог, психолог	цела учебна година

Родители како луѓе извор на информации Родители како консултанти Родители како партнери		
Вклученост на родителите во работата на училницата; Неформална и формална комуникација Педагошко-психолошко образование на родителите Прирачник за родители Посета на домови Родителски состаноци	родители, наставници, психолог, педагог	цела учебна година
Соработкана семејството со училиштето Денови за посета на родителите во училиштето Писмена комуникација Групни разговори	психолог, педагог, наставници	цела учебна година
Вклучување на родителите во воннаставните активности: предметна настава (слободни активности за стекнување на знаења слободни културно уметнички активности и технички активности одделенска настава (секциите што се застапени во паралелката)	родители, наставници	цела учебна година
Организирање и изведување на заеднички прослави (Нова година, Патронат на училиштето, Велигденска)	родители, наставници, ученици	По договор
Анализа на работата на училиштето во текот на целата учебна година.	директор, психолог, педагог	Цела учебна година
Во соработка со нашата библиотека, родителите да даваат препораки на интересни наслови на книги за деца	Библиотекарката, одделенскиот наставник	Октомври-месец на книгата

ПЛАН ЗА РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ

Содржина	**Очекувани резултати**	**Активност**	**Време и место на реализација**	**Носители**	**Начин на спроведување - ресурси**
Општа родителска средба од I до V одделение	Преземање мерки за подобрување на успехот и поведението, реализација на предвидените активности во договор со родителите	Запознавање на родителите со постигнатиот успех и поведение на учениците и други актуелни прашања за даден период со дневен ред за водење на родителските средби	Септември, ноември, јануари, април, јуни Во просториите на училиштето	Одделенски раководители од I до V одделение	Упатства за дневен ред на состанокот, одделенски дневници, записници
Општа родителска средба од VI до IX одделение	Преземање мерки за подобрување на успехот и поведението, реализација на предвидените активности во договор со родителите	Запознавање на родителите со постигнатиот успех и поведение на учениците и други актуелни прашања за даден период со дневен ред за водење на родителските средби	Септември, ноември, јануари, април, јуни	Одделенски раководители од VI до IX одделение	Упатства за дневен ред на состанокот, одделенски дневници, записници

			Во просториите на училиштето		
Индивидуали средби и приемни денови на наставниците од I до IX одделение	Подобрување на успехот кај учениците	Запознавање на родителите со успехот по секој наставен предмет	Еднаш седмично во текот на целата учебна година	Наставници од I до IX одделение	Одделенски дневници

ПРИЛОГ 38: ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Задача	**Планирана програмска активност**	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Ресурси**	**Очекувани исходи и ефекти**	**Одговорно лице за следење**
Учество на литературен конкурс	Средба на литературни и ликовни дружини за развивање на љубов кон пишаниот збор	Континуирано	Членовите на секциите и наставникот	Лични творби по избор и според барањата	Соработка, дружење	Наставник по македонски јазик библиотекар
Учество и промоција на детски организации	Соработка и средби на У.З. и детските организации од одделенска настава за да се подобри работата на училиштето	Се определува според потребите	Членови на У.З и детските организации и наставници	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштата	Наставници
Соработка меѓу училишта	Соработка на стручен план меѓу училиштата за да се подобри работата на училиштето	Ноември-март	Наставници, директор	Стручна литература	Подобрување на работата во училиштата	Наставници
Учество на спортски натпревари и манифестации	Учество на разни спортски манифестации за да се промовира здравиот начин на живот	Се определува според потребите	Членовите на тимови и наставникот	По избор	Соработка, дружење	Наставници по физичко и здравствено образование
Учество на музички манифестации	Музички средби и хепенинзи, смотри, фестивали за да се развива љубов кон музиката	Се определува според потребите	Членовите на секциите и наставникот	По избор	Соработка, дружење	Наставник по музичко образование Одделенски наставници
Посета на кино и театар	Посета на театарски претстави и кино проекции за да се развива љубов кон драмската уметност	Континуирано	Ученици, наставници, Директор, стручни соработници	По избор	Стекнување навики за културно однесување и развивање љубов кон	Наставници

					театарот и филмската уметност	
Посета на музеј	Посета на Археолошки музеј со цел учениците да се запознаат со богатото историско наслетство	Според потребите	Ученици, наставници	По избор	Запознавање со особеностите на различните стилови на античката уметност во мозаикот, архитектурата, вајарството, вазното и фреско-сликарството	Наставници
Посета на музеј, ЗОО, ланетариум, Ботаничка градина	Да се прошират знаењата со посета на Природно-научен музеј, ЗОО, Планетариум, Ботаничка градина	Според потребите	Ученици, наставници	По избор	Да стекне знаења за музеј и правилно културно однесување во музеј	Наставници
Учество на натпревари	Да се промовира знаењето и да се развива љубов кон науката со учество на разни натпревари, квизови	Според потребите	Ученици, наставници	По потреба	Промовирање на знаењата	Наставници
Презентација на училиштето	Да се презентираат постигањата на на училиштето со цел за негова афирмација	Јуни	Директор и стручни соработници	Документи и извештаи	Афирмирање на училиштето	Директор
Презентација на средни училишта	Соработка со средни училишта и нивна промоција како и запознавање со струките во училиштетата и условите за запишување	Мај	Ученици, наставници, директор	Материјал по избор на учениците	Подобро информирање на ученицитекое ќе им помогне во одлуката за продолжување на нивното образование	Наставници
Учество на манифестации	Училиштето и локалната средина, за промоција на училиштето	По потреба	Училиштето и локалната средина	Годишни програми на наставници	Јакнење на соработката	Наставници Стручни соработници Директор
Учество на манифестации организирани од општината	По потреба манифестации организирани од општината за промоција на училиштето	Континуирано	Општината	Програми на општината	Негување и издигнување на културното ниво	Наставници
Посета на излетнички места	Посета на излетнички места со цел учениците да се запознаат со природните убавини	Октомври / Мај	Ученици, наставници, Директор, стручни соработници	Годишна програма програми	Запознавање на учениците со природните убавини, развој на свеста за зачувување на природата	Наставници

Посета на институции	Посета на фабрики, феријали, автобуска и железничка станица за учениците да се запознаат со начинот на работа и функционирање на истите	По потреба	Ученици, наставници	Програми и проекти	Запознавање на учениците со соодветната институција	Наставници
Систематски и стоматолошки преглед	Поликлиника „Ченто“- здравствена заштита	По потреба	Ученици	По потреба	Здравствена заштита на учениците	Наставници
Соработка со месни заедници	Прибирање информации за активностите на месните заедници и здруженија	Октомври	Директор и комисии	Документи и програми	Зголемување на интересот за соработка	Директор
Ден на Општина Гази Баба	Учество во прославата на Денот на Општина Гази Баба	Ноември	Наставници и ученици	Подготвени изв едби соученици	Афирмирање на општината	Наставници
Соработка со препријатија	Перманентна соработка со установи и претпријатија за да се подобрат условите во училиштето	Континуирано	Директор и претседател на училишен одбор	Програми и проекти	Подобрување на условите во Училиштето	Директор
Посета на Општина Гази Баба	Едукација на учениците за функционирање на општината	Во текот на годината	Ученици и лица од општината	Програми, проекти и портфолија	Продлабочување на знаењата	Наставници
Посета на Градоначалникот на Општина Гази Баба	Средба со Градоначалникот и претседателот на советот на Општината Гази Баба	По потреба	наставници и ученици	Законски прописи	Унапредување на демократската свест	Директор

ПРИЛОГ 39: ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	За кого се реализира	Очекувани ефекти
Систематски преглед и ревакцина MRP	Прво полугодие	Претставници од здравствена установа	Прво одделение	Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Систематски преглед	Прво полугодие	Претставници од здравствена установа	Трето одделение	Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии
Ревакцина DT и POLIO	Прво полугодие	Претставници од здравствена установа	Второ одделение	Заштита и превенција
Ревакцина Tetanus иPoliomielitis	Прво полугодие	Претставници од здравствена установа	Осмо одделение	Заштита и превенција
Вакцина HPV за девојчиња прва доза	Прво полугодие	Претставници од здравствена установа	Седмо одделение	Заштита и превенција
Залевање на трајни заби	Септември/октомври	Претставници од здравствена установа	ученици	Заштита и превенција на заби
Залевање и резалевање на трајни заби	Октомври/ноември	Во амбуланта со претставн- ици од здравствена установа	ученици	Заштита и превенција на заби
Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето	Ноември/декември	Во амбуланта со претставници од здравствена установа	ученици	Заштита и превенција на заби
Залевање на трајни заби и проверка на залевањето	Февруари/март	Во амбуланта со претставници од здравствена установа	ученици	Заштита и превенција на заби
Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето	Март/април	Во амбуланта со претставници од здравствени установи	ученици	Заштита и превенција на заби
Залевање и резалевање на прв траен молар	Април/мај	Во амбуланта со претставници од здравствена установа	ученици	Заштита и превенција на заби
Систематски преглед, залевање на први трајни молари и издавање на медицински белешки за упис во одд.I	Мај	Во амбуланата	ученици	Заштита и превенција
Едукација на школски деца преку работилници - Градба и функција на орална празнина	Октомври	Во училиште	Деца од 6 до 9 год.	Едукација на ученици и мерки за заштита и превенција
Работилница ,,Правилна исхрана и контрола во внес на шеќери“	ноември	Во училиште	Деца од 6 до 9 години	Едукација и мерки за заштита и превенција
Работилница „Правилна орална хигиена“	Февруари	Во училиште	Деца од 6 до 9 години	Едукација на учениците за правилн орална хигиена

Работилница „Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели“	март	Во училиште	Деца од 6 до 9 години	Мерки за заштита и превенција
Осигурување на учениците	Септември	Училиште	1-9одделение	Надомест при евентуални повреди
Исхрана во училиште -правилна исхрана -болести на исхраната -здрави навики во исхраната -квалитетна достапна храна	Септември	Училиште	1-9 одделение	Квалитетна и здрава храна за учениците во училиштето
Вакцини	Во текот на учебната год.	Претставник од здравствена установа	1-9одделение	Заштита и превенција
Систематски прегледи	Во текот на учебна год.	Претставникодздравственаустанова	1-3-5-7одделение	Мерки за ааштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии
-предвавања за:Заштитаназабите,Заразниипреносливиболести,грип,хепатитиТБЦ	Во текот на целата учебна година	Претставник од здравствена установа	Предметна настава	Заштита и превенција
Предавањенатема: Заразниболестиизаштитаодистите	Октомври	Стручнолице	1-9 одделение	Како да се заштитиме од заразни болести
Одржувањена личната хигиена на ученици; хигиенатаводомотиучилиштето	Вотекотнацелатаучебнагод.	Наставниципредметна настава	1 – 9одделение	Подобрувањена личната хигиена, хигиената во домот и училиштето
Предавањенатема-Грипипревенцијаодгрипот-	Декември	Одд.наставници Стручнолице	1 – 9 одделение	Мерки за заштита и превенција од грип
Стоматолошки прегледи Залевање на заби	Март	Амбуланта	1 одделение	Заштита и превенција на забите
Превенција од насилство	Април	Претставниципполициска станица	6-9 одделение	Заштита и превенција од насилство
Одбележување на 7април-Светскиот ден на здравјето	Април	Наставници од одделенска и предметнаа настава	1 – 9 одделение	Негување и чување на здравјето на учениците
Грижа за учениците со здравствени проблеми-хронично болни	Континуирано	Наставници и педагог	1 – 9одделение	Да им се помогне на учениците со здравствени проблеми

Програма за работа на Подмладокот на Црвениот Крст

Задача	Активности	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Да се запознае со Програмата за работа на Црвениот крст	Конституирање и избор на раководство на Подмладокот на Црвениот крст	септември	Одговорен наставник, ученици	Компјутер Интерактивна табла Хартија Пенкало	Знае за Програмата за работа на Црвениот крст	Маја Цекова
Да се собере годишна членарина	Собирање на годишна членарина	септември	Одговорен наставник, ученици	Хартија Пенкало	Собрана годишна членарина	Маја Цекова
Да се развие хуман однос	Недела на промоција на хумани вредности	22-29.09.2025	Одговорен наставник, ученици	Компјутер Интерактивна табла	Развиен хуман однос	Маја Цекова
Да се запознаат со работата на Црвениот крст	Прием на првачиња во подмладокот на Црвениот Крст	октомври	Наставници, ученици	Хартија Пенкало	Знае за работата на Црвениот крст	Маја Цекова
Да се обезбедат финансиски средства и храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба	Спроведување на хумана солидарна собирна акција по повод „Денот на гладта”	16.10.2025	Наставници, ученици, Ученичка заедница, родители	Хартија Пенкало	Обезбедени финансиски средства и храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба	Маја Цекова
Да ги знае болестите на зависност	Месец на борба против болести на зависност	ноември	Наставници, педагог, стручни лица	Компјутер Интерактивна табла	Знае за болести на зависност	Маја Цекова
Да ги знае сексуално преносливите болести и превенција од ХИВ/СИДА	Превенција од ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести	декември	Црвен Крст- Гази Баба	Компјутер Интерактивна табла	Знае за сексуално преносливи болести и превенција од ХИВ/СИДА	Маја Цекова
Да се стекнат со вештини од областа на Прва помош	Подготовки за натпревар по Прва помош-формирање на екипа	декември	Одговорен наставник, ученици	Кутија за прва помош Хартија	Стекнати вештини од областа на Прва помош	Маја Цекова
Запознавање со дејности на Црвен Крст, негова историја и начин на дејствување,	ЦКА-ПХВ Работилници	февруари	Црвен Крст- Гази Баба	Компјутер Интерактивна табла	Пронаоѓање таргет групи со кои ќе работат	Маја Цекова

информации за работа на терен						
Промоција и унапредување на здравјето	Одбележување на Светски ден на здравјето	07.04.2026	Ученици, одд. раководители, педагог, родители, стручни лица	Компјутер Интерактивна табла	Знае за здрав начин на живот	Маја Цекова
Да се подигне свеста за хуманите вредности	Одбележување на Светскит ден на Црвениот крст	08.05.2026	Одговорен наставник, ученици	Компјутер Интерактивна табла	Изградена свест за хумани вредности	Маја Цекова
Да ги знае заштитните превентивни мерки за спасување на живот, подготвеност и одговор при состојби кои бараат итност, а се поврзани со здравјето	Учество на Општински натпревар по Прва помош	мај 2026	Црвен Крст-Гази Баба, ученици	Обезбедени материјали за Прва помош	Знае за заштитните превентивни мерки за спасување на живот, подготвеност и одговор при состојби кои бараат итност, а се поврзани со здравјето	Маја Цекова

ПРИЛОГ 40: ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Задача	Време на реализација	Реализатор	Ресурси и инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице за следење
Да се запознаат родителите со досегашната работа на училиштето	Септември	Училишен тим	Годшна програма Слики од веб страна Печатење	Поделени брошури на родители, промовирани активности	Одделенски наставници, стручна служба
Одбележување на значајни датуми	Септември - јуни	Тимови наставници и ученици	План на активности Тимови	Поттикнување и развивање позитивни вредности	Одговорни наставници Стручна служба
Поттикнување и промоција на младински иницијативи	Октомври	Тимот и сите вработени и ученици	Презентации, приредба/ работилници	Зголемена свест превземање иницијативи	Директор Одговорен наставник

Соработка на основните училишта од општината	Ноември	Тим наставници и ученици	Комуникација Огранизација на настани и учество	Спортски и културни настани	Општина Одговорни наставници
Да се поттикне креативноста кај учениците и соработката со родителите	Декември - март	Советот на родители наставници, ученици, родители	Покана План на активности Тим наставници	Креативни изработки	Совет на родители Одделенски раководители
Патронен празник на училиштето	Мај	Сите вработени и ученици	Покана План на активности Тим наставници	Реализирани креативни и едукативни активности	Директор Одговорни на тимовите

ПРИЛОГ 41: ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Активности на тимовите испланирани во Годишната програма за работа во училиштето	Временска рамка	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Тим за поддршка на работата на ученички парламент и ученик правобранител	Во текот на учебната година	Тимот за поддршка на Ученичкиот парламент Ученици Одговорни наставници	Разговор со претставници на ученичкиот парламент и ученик правобранител Извештаи од состаноци Ученички иницијативи	Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите	Зголемена демократска партиципација на учениците во парламентот	Тимот за поддршка
Тим за спроведување на проектот за интеграција на еколошката свест во македонскиот образовен систем	Во текот на учебната година	Сите наставници Директор	Извештаи од реализирани часови, состаноци и изработки од учениците	Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите	Подигање на свест за здрава животна средина кај учениците	Директор Тим одговорен за еко проектот
Тим за реализација на проекти МИО и МИМО	Во текот на учебната година	Сите наставници Директор	Спроведени активности Извештаи за реализирани часови	Потребните инструменти се наведени во посебните акциони планови на тимовите	Промовирање на мултикултурализ аминтеркултура лизам и почит кон разликите	Директор и тим на СИТ Тим за интеграција
Тим за професионална ориентација на учениците	Во текот на второто полугодие	Директор Психолог Класни раководители на IX одделение Ученици од IX одделение	Проценка на интереси и способности Индивидуални средби Презенатција на средни училишта – флаери, постери, саеми	Потребните инструменти наведени се Програмата на професионална ориентација на учениците	Помош за избор на соодветно средно училиште и продолжување на образованието	Директор Координатор за професионална ориентација
Тим за професионален и кариерен развој	Во текот на учебната година	Директор Сите наставници и стручни соработници	Посетени обуки Реализирани обуки и дисеминации	Потребните инструменти се наведени во акциониот план	Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции	Директор и стручни соработници
Инклузивен тим	Во текот на учебната година	Директор Тимот за инклузија Ученици	Извештаи од спроведени обукии работилници за работа со ученици со	Инструментите се наведени во Програмата за инклузивен тим	Инклузија на ученици во редовната настава од	Директор и членови на УИТ

			секаков вид напопреченост		секаков вид на попреченост	
Тим за промоција на училиштето	Во текот на учебната година	Директор Координатори на проекти Ученици	Патувања и реализација на активностите од проектите Дисеминација Извештаи од спроведени активности	Работилници Инструментите се наведени во Програмата за проекти кои се реализираат во училиштето	Размена на искуства	Директор Координатори на проекти
Комисија за самоевалуација	Во текот на учебната година	Директор Сите наставници Стручна служба	Воведна фаза за спроведување Самоевалуација за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година	Инструментите се наведени во Програмата за самоевалуација	Самооценување на работата на училиштето	Директор и Комисија за самоевалуација Училишен одбор Тимови
Тим за изработка на Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето	Јануари, 2025 Јуни,2025	Директор Сите наставници Стручна служба	Извештаи од реализирани активности за учебната 2024/2025 година	Прилози на програми во Годишната програма	Согледување на фактичката состојба	Директор и стручни соработници
Тим за подготовка наГодишна програма и прилози кон годишната програма	Јуни-јули, 2025	Директор Тим за изработка, одговорни наставници	Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2025/2026	Потребните инструменти се наведени во акциониот план	Законски и правилно планирање на работата на училиштето	Директор Тим за изработка на Годишна програма

Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

1. Елена Антонова - директор
2. Елена Темелкоска - психолог
3. Ана Трпевска - специјален едукатор и рехабилитатор
4. Емилија Трајкова - одделенски наставник
5. Јасмина Јездиќ - предметен наставник
6. Михаела Сандева - ученик правобранител
7. Евгенија Илиевска - родител

Претседател на училишниот одбор
Дијана Спасовска

Директор
Елена Антонова

10.07.2025 година, Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 02-22/21
10.07. 2025 год.
Стајковци, Гази Баба, Скопје

Врз основа на член 49 став 7 и член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025), Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј"- Стајковци, на седницата одржана на ден 10.07.2025 година донесе :

ОДЛУКА
за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци за учебната 2025/2026

Член 1

Врз основа на член 49 став 7 и член 108 став 1 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци, ја разгледа и усвои Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Училишниот одбор ја предлага Годишната програма за работа на училиштето, до Советот на Општина Гази Баба за донесување во законски утврден рок.
Донесената Годишна програма за работа, училиштето да ја достави до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма во рок утврден согласно законот.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор
на ООУ „Кирил и Методиј"Стајковци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 02-22/21
10.07. 2025 год.
Стајковци, Гази Баба, Скопје

Врз основа на член 49 став 7 и член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025), Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј"- Стајковци, на седницата одржана на ден 10.07.2025 година донесе :

ОДЛУКА
за усвојување на Годишната програма за работа на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци за учебната 2025/2026

Член 1

Врз основа на член 49 став 7 и член 108 став 1 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци, ја разгледа и усвои Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Училишниот одбор ја предлага Годишната програма за работа на училиштето, до Советот на Општина Гази Баба за донесување во законски утврден рок.
Донесената Годишна програма за работа, училиштето да ја достави до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма во рок утврден согласно законот.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор
на ООУ „Кирил и Методиј"Стајковци

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Стајковци Гази Баба, Скопје